ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ
ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Г О Д И Ш Н И К
на трудови

THE FIRST PRIVATE UNIVERSITY

EUROPEAN UNIVERSITY REPUBLIC OF MACEDONIA

Skopje

ANNUAL REVIEW

Skopje, 2009

ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје

Г О Д И Ш Н И К

на трудови

Скопје, 2009

Г О Д И Ш Н И К
на трудови

ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ
ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За издавачот

Проф. д-р Бојо Андрески

Уредувачки одбор:
Проф. д-р **Панче Јовановски**, *претседател*
Проф. д-р **Славјанка Одаклиевска**
Проф. д-р **Живко Андревски**
Проф. д-р **Ѓорѓи Спасов**
Доц. д-р **Донка Барциева Трајковска**
Доц. д-р **Лидија Наумовска**
Доц. д-р **Тони Стојановски**

Секретар:
Доц. д-р **Савица Димитриеска**
Пом. асс. **Славко Гавриловски**

Дизајн на корица:
Доц. м-р **Гордана Вренцовска**

Техничко уредување:
Љубица Карева

Editorial Board:
Prof. **Panče Jovanovski**, PhD, *president*
Prof. **Slavjanka Odjaklievska**, PhD
Prof. **Živko Andreski**, PhD
Prof. **Gorgi Spasov**, PhD
Ass. Prof. **Donka Bardzieva Trajkovska**, PhD
Ass. Prof. **Lidija Naumovska**, PhD
Ass. Prof. **Toni Stojanovski**, PhD

Secretary:
Ass. Prof. **Savica Dimitrieska**, PhD
Ass. **Slavko Gavrilovski**

Cover Design:
Ass. Prof. **Gordana Vrencovska**, MA

Tehnical Editors:
Ljubica Kareva

Почитувани,

Развојните линии на Првиот приватен Универзитет Европски Универзитет-Република Македонија секојдневно добиваат нови импулси и проекти, проверени и модернизирани практики, со трајна идеја да го задржи, зацврсти и да го унапреди стекнатото место и престиж на лидер во приватното високо образование во земјава, на поширокиот европски простор, па и во светски рамки.

Збогатувањето на научната, научно истражувачката и издавачката дејност претставува втемелена концепција и постојана компонента на работата на Универзитетот, односно на неговиот вкупен организам.

На страниците на ова издание, почитувани читатели, ќе се соочите со одделни придонеси во третирањето на научната проблематика, со сознанија во функција на проверка на исражувачки резултати, со понуда на систематизирани и елаборирани информации, податоци и факти, со продлабочени обиди за научно и стручно пројавување на нашите професори и стручни соработници.

Досега поминатито пат на Универзитетот, а уште повеќе визиите за неговата иднина, истовремено и инспирираат и обврзуваат, и преку ваква форма да ги градиме перспективите на институцијата во целина и на кадрите во неа поединечно.

Нека ни е со среќа.

Проф. д-р **Бојо Андрески**,
претседател на ЕУРМ

С О Д Р Ж И Н А

Факултет за ЕКОНОМСКИ НАУКИ 13

Политика на маркетинг комуницирање – промоција во меѓународниот маркетинг.

Проф. д-р Бојо Андрески, доц. д-р Билјана Андреска - Богдановска 15

Демистификација на митовите за вреднување на средствата.

Проф. д-р Зоран ИВАНОВСКИ, м-р Надица ИВАНОВСКА 29

Правило „4и“ vis–à –vis итарпејовска економија.

Проф. д-р Панче ЈОВАНОВСКИ 41

Маркетингот во рецесија.

Проф. д-р Алекса СТАМЕНКОВСКИ 57

Предности и пропусти во управувањето со марките.

Доц. д-р Далиборка БЛАЖЕСКА 71

Улогата на Одборот за ревизија во рамките на доброто корпоративно управување.

Доц. д-р Павлина СТОЈАНОВА 85

Примена на нови промотивни стратегии во услови на економска и финансиска криза.

Доц. д-р Савица ДИМИТРИЕСКА 101

Менаџер и лидер – сличности и разлики.

Доц. д-р Љиљана КОНЕСКА 113

Професионалното усовршување на наставниците во основно и средно образование во ЕУ.

Доц. д-р Виолета НАУМОВСКА, Елизабета СТАМЕВСКА 121

Нови бизнис модели за развој на компанијата.

Доц. д-р Лидија НАУМОВСКА, Помлад асс. Андријана БОЈАЏИЕВСКА ... 137

Маркетинг стратегии во услови на рецесија.

Доц. д-р Ленче ПЕТРЕСКА 151

Структура на фондовите за преземање ризици (hedge funds) и алтернативни инвестициони стратегии.

Доц. д-р Александра СТАНКОВСКА 163

Пазарот на труд и невработеноста во Република Македонија.

Доц. д-р Емилија СТЕВАНОВСКА 177

Управувачкото сметководство и деловното одлучување.

Доц. д-р Љупчо СТОЈЧЕСКИ, асс. м-р Емилија БАШЕСКА 193

Развиените транспортни системи како генератор на економски развој.

Доц. д-р Ристе ТЕМЈАНОВСКИ 201

Постапки за опфаќање на трошоците во одделни стопански гранки.

Асс. м-р Емилија БАШЕСКА, Ивана СТОЈЧЕВСКА 227

Индексот на физичкиот квалитет на живот (pqli) и индексот на човековиот развој (hdi) како општествени индикатори за развојот.

Асс. м-р Никола ПОПОВСКИ..... 243

Избор на метод за влез на странски пазар: мерџери и аквизиции наспроти greenfield инвестиции.

Асс. м-р Наташа РИСТОВСКА 261

Маркетинг на интернет пребарувачите.

Помлад асс. Слободан ЈАЌОСКИ 271

Контролни механизми во мултинационалните корпорации.

Помлад асс. Аземина МАШОВИЌ 287

Иновациите во функција на развој на бизнисот.

Помлад асс. Сашо НЕФОВСКИ..... 297

Современи финансиски текови и импликации - од микрокредитирање до сеопфатни финансиски системи.

Помлад асс. Елена СТОИЧКОВА..... 315

Права и заштита на потрошувачите.

Помлад асс. Надалина СТОЈАНОСКА 329

Некои аспекти на менаџментот во приватниот универзитет.

Елизабета СТАМЕВСКА 343

Факултет за ПРАВНИ НАУКИ..... 357

Популизмот- идеологија или изборна стратегија.

Проф д-р Ѓорѓи СПАСОВ..... 359

Човековите слободи и права и ефикасноста на полицијата.

Доц. д-р Ѓорги СЛАМКОВ 367

Семејно насилство и мерки на заштита што ги превзема центарот за социјални работи и судот.

Доц. д-р Симеон ЦВЕТАНОВСКИ.....379

Esl Teacher's Tasks for the Student.

Lecturer Daniela SAPALOVSKA 393

Хомосексуалноста (од патолошки модел до општествен конструкт).

Асс. м-р Александра ЖЕЖОВА 405

Дистинкција помеѓу концептот владеење на правото и концептот правна држава.

Асс. м-р Биљана НАЧАРОВА 419

Преземање на акционерските друштва во англосаксонските правни системи.

Асс. м-р Сања ПАНДЕСКА.....431

Судска заштита на правата од работен однос во компаративното трудово право.

Асс. м-р Билјана ТОДОРОВА 447

Факултет за ПОЛИТИЧКИ НАУКИ 461

Односот меѓу нормативното и стварното како предмет на проучување на политичките науки.

Проф. д-р Живко АНДРЕВСКИ.....463

Митот за Ахил или феноменот на исклучителното херојство.

Доц. д-р Луси КАРАНИКОЛОВА 473

Глобализацијата и медиумските технологии.

Доц. д-р Викторија КАФЕЦИСКА 483

Етичкиот кодекс – најзначаен деонтолошки документ.

Доц. д-р Јован ЛОЗАНОВСКИ 495

Улогата на етничката димензија во интеркултурната комуникација.

Асс. м-р Кристина БОГЕВСКА МАЛИНКА 509

Општествениот договор: историски факт или толковен модел.

Асс. м-р Бошко КАРАЏОВ.....523

Концептот на јавно здравје во РМ.

Асс. м-р Македонка РАДУЛОВИЌ 539

Крај на историјата или нов предизвик за либералната демократија.

Помлад асс. Мартин НИКОЛИЌ.....557

Факултет за ДЕТЕКТИВИ И КРИМИНАЛИСТИКА 571

Поим и дефинирање на современите конфликти.

Проф. д-р Стојан КУЗЕВ 573

Предизвиците на современиот тероризам.

Доц. д-р Марјан БОГДАНОСКИ 589

Влијанието на постигнатите резултати од физичката проверка на студентите во изработка на квалитетна тренажна програма.

Доц. д-р Јадран КАЛКОВСКИ 607

Разузнавачка поддршка на безбедносната политика на европската унија.

Доц. д-р Стојан СЛАВЕСКИ.....617

Посебни задачи на психолошките вештачења во кривичната постапка.

Доц. д-р Слободанка ТОДОРОСКА - ЃУРЧЕВСКА 633

Етнополитичките конфликт како современ предизвик за националната безбедност.

Асс. м-р Оливер АНДОНОВ 647

Системот на казнена евиденција во република македонија – актуелна состојба и предизвици.

Асс. м-р Атанас КОЗАРЕВ 661

Улогата и значењето на европската унија во справувањето со тероризмот.

Асс. м-р Зоран ФИЛИПОВСКИ 675

Факултет за ИНФОРМАТИКА 685

Free left Commutative Groupoids.

Ass. Vesna CELAKOSKA-JORDANOVA, PhD, Prof. Biljana JANEVA, PhD 687

Paradoxical Approach Towards Solving Nonlinear Static Models.

Prof. Biljana PERCINKOVA, Ph.D.....695

Ontologies in Quantum Physics and Artificial Intelligence.

Prof. Biljana PERCINKOVA, Ph.D.....707

Статистичка контрола на квалитетот на информациите.

Проф. д-р Здравко СТОЈАНОСКИ 719

Продолжување на животниот век на безжичните Ad Hoc мрежи.

Доц. д-р Сашо ГЕЛЕВ, Илија КУМБАРОСКИ.....727

E-student: дистрибуирана апликација базирана на Wcf 3-Tier архитектура.

Доц. д-р Јован ПЕХЧЕВСКИ, Весна ГЕГА, Илија КУМБАРОСКИ 741

EvaLearn: web апликација за евалуација на знаење.

Доц. д-р Јован ПЕХЧЕВСКИ, помлад асс. Ивана АТАНАСОВА, помлад асс. Љупчо КРСТЕВСКИ.....761

Rapid Application Development Using Software Factories.

Ass. Prof. Toni STOJANOVSKI PhD, prof. Tomislav DZEKOV, PhD 777

Примена на фази функции и фази множества во процесот на дефинирање на ученичкото знаење.

Доц. д-р Ристо ХРИСТОВ 793

Факултет за АРТ И ДИЗАЈН 809

Феноменот на скандинавскиот модернизам.

Доц. д-р Донка БАРЏИЕВА ТРАЈКОВСКА 811

Карактеристики на релации на елементи при проектирање на внатрешен простор на примери од геометризам до денивелација.

Доц. д-р Мирче КОКАЛЕВСКИ.....823

Процесот на дизајнирање помеѓу теоријата и праксата.

Доц. д-р Петар НАМИЧЕВ.....841

Анатомија на македонската кирилица.

Доц. м-р Марија ВЕТЕРОСКА.....853

Political Statements in Conceptual Fashion: the Voice of National Sentiments as a Self-Reference in the Ready-to-wear Collections of Alexander Mcqueen and Hussein Chalayan.

Ass. Prof. Gordana VRENCOSKA, MA.....867

Ексцентричниот машки костим во XVII-ot, XVIII-ot и XIX-ot век.

Доц. м-р Никола ЕФТИМОВ 885

„Мијачката женска носија - предизвик за создавање на современа модна облека“ .

Доц. м-р Јана МАНЕВА – ЧУПОСКА 901

Paper Recycling and Its Implementation in the World.

Ass. prof. Igor SEKOVSKI, MA 919

Using Documentary Photography as a Medium for Socio-political Research Through the Example of the Documentary Photo Project *Homebound* .

Ass. Prof. Ivan BLAZHEV 929

Влијанието на дизајнот во детската потсвест.

Доц. Јовица МИЈАЛКОВИЌ.....939

Невербална комуникација-гестикулација и гестови - Италијански гестови.

Лектор Сања АПОСТОЛСКА 949

Дигитализација на културното наследство.

Помлад асс. Викторија МАНГАРОСКА 969

Факултет за СТОМАТОЛОГИЈА 987

Евалуација на употребната вредност на методите Willis и на Бојанов кај нашата популација.

Проф. д-р К. ДЕЈАНОСКИ, пом. асс. С. ДЕЈАНОСКА, пом. асс. Е. РАДЕВСКА, пом. асс. М. СТОЈАНОСКА.....989

Епидемиолошки осврт: 30 години со бруцелоза.

Проф. д-р Б. НИКОЛОВСКИ, м-р Ј. МАРКОВ, пом. асс. М. СТОЈАНОСКА, пом. асс. Е. РАДЕВСКА, пом. асс. С. ДЕЈАНОСКА, пом. асс. М. СТАМЕНКОВСКА 997

Влијанието на денталните атхезиви врз ретенцијата и стабилизацијата на тоталните протези.

Проф. д-р К. ДЕЈАНОСКИ, пом. асс. С. ДЕЈАНОСКА, Т. ДЕЈАНОСКА, С. КИТАНОСКА 1009



ФАКУЛТЕТ ЗА
ЕКОНОМСКИ НАУКИ

339.138 : 339.9

Проф д-р **Бојо Андрески,**
Доц. д-р **Билјана Андреска - Богдановска**

ПОЛИТИКА НА МАРКЕТИНГ КОМУНИЦИРАЊЕ – ПРОМОЦИЈА ВО МЕЃУНАРОДНИОТ МАРКЕТИНГ

Апстракт

Овој труд ги обработува специфичните аспекти на процесот на маркетинг комуницирање во меѓународен контекст. Се анализираат клучните и релевантни фактори за избор и мерење на ефектите од поединечните облици на маркетинг комуницирање и нивните структури. Се утврдуваат специфичностите на концептот на интегрирано маркетинг комуницирање како и модалитетите, факторите и инструментите на промотивниот микс кој се применува во меѓународниот маркетинг. Поединечно се определуваат постапките и процедурите за одредување на маркетинг буџетот, маркетинг планирањето и односите со клиентите и јавноста на меѓународно ниво.

Клучни зборови: *маркетинг комуницирање, промоција, промотивен микс меѓународен маркетинг*

Вовед

Комуникацискиот аспект на маркетингот ја претставува неизбежната и најприменуваната и од аспект на деловната пракса најконтроверзната димензија на конципирање, развивање и спроведување на маркетинг активностите. Во процесот на меѓународниот маркетинг овие димензии уште повеќе се истакнуваат со што се потенцира фактот дека основното правило за успех е дека рецепти и шаблони воопшто и непостојат.

Нагласената чуствителност на реагирањето на светскиот пазар, зголемената комплексност на меѓународното маркетинг окружување и интензивирањето на конкурентската борба на глобална основа бараат од современите компании адекватно поставување на функцијата на комуницирање со окружувањето во склоп на својот концепт на култура. Комуницирањето може да се обавува преку марката на производите на конкретната фирма, нејзината продажна оператива или дистрибутивниот систем, интерактивно или по пат на масовни медии така да оваа макетинг функција не може да се поедностави или рутински да се спроведе.

Маркетинг комуницирањто опфаќа секоја форма на комуницирање која допринесува до создавање на претстава или слика за компанијата, а со тоа и на нејзините производи. Тоа значи дека се работи за различни начини преку кои фирмата сака да оствари соодветен впечаток на оние фактори кои се битни за нејзиниот развој или опстанок - потрошувачите, сопствениците, претавниците на власта, здружувањата на потрошувачи, добавувачи, вработени и воопшто јавноста.

Политиката на комуницирање во меѓународниот маркетинг во принцип се спроведува во рамките на усвоената маркетинг стратегија на претпријатието и служи како основа за дефинирање на промотивниот сегмент на маркетинг програмата, односно промоција како инструмент на маркетинг миксот. Промоцијата има одлучувачка улога во постигнување на соодветен степен на пазарно претставување, меѓутоа само по себе не може да го направи производот успешен. За остварување на пазарен успех на производот потребено е во рамките на севкупниот меѓународен напор да се оствари синергетско дејство на сите четири елементи на маркетинг миксот.

За дефинирање на политиката на промоција и стратегиите на претпријатието потребно е да се обезбеди и соодветно синергетско дејство на сите достапни компоненти на промоцијата. Станува збор за промотивен микс како значаен фактор за остварување на адекватен пазарен и маркетинг ефект. Дополнителни причини кои во меѓународниот маркетинг идат во тој прилог се поголем број на пазари на кои делуваат меѓународните претпријатија; поизразената и поброjната конкуренција; фази на животниот циклус на производите, специфичност на поединечните потрошувачки сегменти; профил и третман на производите и првни аспекти.

Целите на комуникациските, односно на промотивните актинвости се во директен однос со ефектите кои треба да се остварат во меѓународниот маркетинг, што во суштина се сведува на подобро или посакувано позиционирање на светскиот пазар.

Поради тоа, комуникацискиот аспект на маркетингот е посебно сложена категорија на практично делување, бидејќи може да биде во различни фази на деловните циклуси, при тоа може да има различни основи:

- Информативна (што да се внесе во свеста на целниот сегмент),
- Емоционална (што и како да се смени во постоечките ставови),
- Бихејвористичка (насочување на активноста со конкретен содржај низ очекувано и посакувано однесување).

Специфичност на маркетинг комуницирањето, а посебно на промотивните активности во меѓународното маркетинг окружување, се прикажува преку

фактот дека луѓето низ целиот свет се меѓусебно различни на одреден начин, а во исто време и слични на многу други начини.

Анализа на проблематиката

Основни компоненти на процесот на комуницирање се испраќач на порака, порака која се праќа и примач на кого таа порака е упатена, што значи дека самиот процес се состои од низа чекори кои се дел од текот на информацијата. Во процесот на комуницирање се јавуваат и други учесници или појави кои се дефинираат како пречки, кои нужно влијаат на процесот на кодирање, како и текот на декодирање на самата порака, достапноста или самиот прием на конкретната порака. Во меѓународниот маркетинг комуникацискиот процес[1] се одвива во сложено содејство на низа фактори кои значително влијаат на текот на комуницирањето. Ефикасноста на спроведувањето на оваа маркетинг задача зависи во голема мера од нивото на маркетинг квалификуваноста на компанијата и од фукнционирањето на нејзиниот маректинг систем.

Секоја од компонентите на процесот на комуницирање има значајна улога во остварувањето на ефективното комуницирање со окружувањето, при што:

- Испраќачот може да биде поединец, група или организација која ја испраќа пораката до целниот аудиториум;
- Кодирањето е процес на организирање на мислите и идеите на испраќачот во облик на симболи кои треба да помогнат во остварување на целите на комуникацијата;
- Пораката претставува симболизиран содржај кој се пренесува преку различни медиумски облици од испраќачот на примачот;
- Медиуми или канали на пренесување на пораката се посредници во комуницирањето на двете страни во информациониот тек преку кои се одливаат кодираните содржаи;
- Примачот претставува поединец, група или претпријатие кој ја претставува целната точка на комуникацискиот напор според критериумите на испраќачот;
- Декодирање е процес на утврдување на значењето на пораката и нејзиниот содржај од страна на примачот;
- Реакцијата подразбира начин на однесување на примачот по упатувањето на пораката;

[1] Warren J. Keegan, Mark C. Green, Global marketing, second edition, Prentice Hall, 2000, p. 371

- Повратана информација (feedback) е јасно утврден одговор на примачот;
- Пречки се елемент на комуникацискиот процес присутен во маркетинг окружувањето кој вилјае како на кодирањето така и на декодирањето.

Основните барања кои се поставауваат во процесот на ефикасното комуницирање во меѓународниот маркетинг се, воглавно, типични за маркетинг комуницирањто воопшто. Меѓутоа сложеноста на меѓународниото маркетинг окружување значајно го отежнува остварувањето на овие цели поради разликите кои постојат во јазичните, културните, правните, технолошките, економските и другите димензии на целните комуникациски или пазарни сегменти на кои е ориентирано меѓународното претпријатие.

Во последните години стана јасно дека во меѓународниот марктеинг е зголеменото значење на интегрираното маркетинг комуницирање. Под влијание на се поголемата фрагментираност на светскиот пазар и на медиумите, зголемувањето на конкурентската борба на глобална основа, технолошкиот напредок во областа на телекомуникациите, сообраќајот, производството и начионот на извршување на меѓународните финансиски и деловни операции, настана значаен пресврт во профилирањето на комуникацискиот аспект на маркетингот и во репозиционирањето на односот на потрошувачот и претпријатието како носители на маркетинг активностите.

Во процесот на маркетинг комуницирањето потрошувачот може самостојно да се вклучи на интерактивен начин и самостојно да врши интегрирање на сите расположливи информации. Потполна контрола на информациите и на комуницирањето може да се изврши на интерактивен начин како поради алтернативите на медиумски план, така и поради алтернативите во изборот на каналите на дистрибуција, па со тоа и на изборот на местото, времето, цената, асортиманот и останатите елементи значајни за донесувањето на одлуката за купување. Тој момент ја истакнува во прв план потребата да меѓународно ориентираните претпријатија го прифатат интегрираното маркетинг комуницирање како концепт за развивање на своите комуникациски активности во програмите на сопственитот маркетинг микс.

Интегрирана комуникациска парадигма се повеќе ориентирана кон експанзија на интерактивно комуницирање, вовела во комуникацискиот аспект на маркетингот две клучни промени[2]:

- Современиот потрошувач во процесот на маркетинг комуницирањето се повеќе има улога на испраќач на пораки при што ги кодира своите потреби и желби, а не обратно како во традиционалниот модел,

[2] Prof. Mile Jovic, Medunarodni marketing, 2 izdanie, Intermanet Beograd, 2006, стр.293

- Современите претпријатија ќе мораат се повеќе да вложуваат во маркетиног, односно во флексибилна технологија, знаење и во интегрирано маркетинг комуницирање.

Тоа ќе ја наметне потребата за различна организациска структура и различен пристапот на дефинирање на маркетинг комуницирањето.

Промоција како инстурмент на меѓународен маркетинг микс е дел од процесот на маркетинг комуницирањето на претпријатието чија основна цел е создавање на позитивен став за производите или услугите со што се придонесува до нивно фаворизирање во процесот на купувањето, односно посакуваното пазарно позиционирање, како на производите така и на претпријатието. Целите на промотивните активности во меѓунароиот маркетинг се во суштина исти како и за сите маркетинг ориентирани фирми.

Промоцискиот аспект на политиката на комуницирање во современиот меѓународен маректинг подразбира низа на маркетинг активности кои ги спроведува претпријатието преку стратешка кординација на пораки и медиуми со цел потполно и конзистентно прифаќање на вредноста која ја нуди самата фирма и нејзините производи во однос на конкуренцијата. Со промотивниот микс [3] во меѓународниот маркетинг се опфаќа:

- Економска пропаганда,
- Унапредување на продажбата,
- Лична продажба,
- Маркетинг аспект на односите со јавноста,
- Интерактивен или директен маркетинг.

Секој од инструментите на промотивниот микс има своја специфичност и соодветен придонес во создавање на конзистентна слика и во претставувањето на претпријатието на светскиот пазар.

Економската пропаганда како платена форма на масовно комуницирање, каде испраќачот на пораката е познат, се заснова на користење на масовни и други медиуми во претставуањето и промоцијата на одредени идеи, производи или услуги со цел пренесување на соодветни информации, развивање на наклонетоста или потикнување на акцијата во корист на производите и услугите на претпријатието. Во меѓународниот маркетинг станува збор за таква активност која е насочена по правило на аудиториум поширок од еден национален пазар, односно маркетинг програма на претпријатие кое е ориентирано на меѓународно делување. Практично реализирање на активностите на меѓународната економска пропаганда претставува процес на постојано

[3] Prof. Mile Jovic, Medunarodni marketing, 2 izdanie, Intermanet Beograd, 2006, стр.298

комуницирање со маркетинг окружувањето кое се обавува по пат на меѓународни пропагандни кампањи во рамките на дефинираните маркетинг стратегии и програми. Почетната основа ја сочинуваат планирањето на меѓународните пропагандни кампањи кои треба да бидат насочени кон јасно поставените пропагандни цели.

Рационална основа на секоја пропагандна акција ја сочинува ситуационата анализа вклучувајќи ги интерните и екстерните фактори, односно клучните фактори кои влијаат на донесувањето на вистинските одлуки за видот и профилот на пропагандната порака. Портфолиото на производот или марката може да биде многу корисен и важен инструмент кој овозможува насочување на активностите на економската пропаганда.

Дефинирање на целниот аудиториум е многу значаен фактори за насочување и планирање на пропагандната кампања бидејќи покрај потрошувачите како потенцијални сегменти за воспоставување на пропагандната комуникациона врска, можат да се јават и останати пазарни фактори значајни за одвивање на работењето на меѓународното претпријатие (добавувачи, посредници, медиумски куќи, вработените и др.).

Специфичноста на меѓународната пропаганда е во подготовката која е потребна и присутна во спроведувањето на овие активности, пред се, поради разликите во културата, јазикот, економските и друштвените специфичности. Сите овие фактори можат да бидат извор на неуспех, неразбирање и пречки во комуницирањето. Тоа може да доведе до погрешно толкување на апелот кој е основа на пропагандната порака. Кога станува збор за дефинирање на пропагандните пораки, во меѓународниот маркетинг, основно и клучно прашање е нејзиното стандардизирање со цел примена на сите пазари или задолжително прилагодување во согласност со конкретните барања на различните пазари или земји.

Станардизацијата на пропагандните пораки подразбира пристап на светскиот пазар на единствен начин без обзир на регионалните, културните или националните разлики и развивање на промотивните активности на ист начин на сите средини. Фактот дека апосолутната стандардизација е прилично специфична и скоро невозможна освен во одредени услови каде минималните прилагодувања не значат измена на концептот.

Наспроти стандардизираната порака стои потребата од задолжително прилагодување како друга можност која не претставува така ретко решение во праксата не само поради објективните туку и од субјективни причини.

Прилагодување на пораката на одредени пазари значи од друга страна и додатни трошоци за различни пазарни сегменти, вклучувајќи ги тука и трошоците за превод, плаќање на локалните агенции, обезбедување на локални валути за плаќање на локални медиуми и сл.

Основна одлука за стандардизирање или прилагодување на пораката мора да биде јасна идеја во врска со карактеристиките на аудиториумот на кој ќе биде изложена промоцијата.

Економската пропаганда[4] се разликува од останатите инструменти на промотивен микс бидејќи се потпира на ангажирање и соработка со другите фактори вклучени во комуникацискиот процес, а пред се со различните медиумски носители. Според тоа, економската пропаганда претставува промотивна активност која се реализира надвор од организацискиот систем, за разлика од останатите промотивни активности кои во потполност се контролирани од самата организација. Разновидноста на медиумските облици и бројноста на преносниците на пропагандни пораки, кои се надвор од организацискиот систем, а воедно и составен дел на процесот на комуницирање во спроведување на пропагандната кампања, ја наметнува потребата од медиумско планирање. Во меѓународниот маркетинг медиумското планирање е комплесна активност која бара целосно познавање на трошоците за меѓународните медиуми, нивната достапност, можноста за остварување на заштеда, нивната репутација кај потрошувачите и останатите фактори на окружувањето, степенот на покриеност кој го остваруваат, и нивното влијание и довербата кај целниот аудиториум. Неопходно е внимателно планирање на закупот на медиумскиот простор, односно примена на соодветни медиумски модалитети бидејќи тоа е во директен сооднос со ефективноста на спроведување на меѓународната пропагандна кампања. Медиумското планирање подразбира избор на облици на праќање на промотивни пораки на целниот аудиториум, во обем и по програмата за спроведување на економска пропаганда, кои треба да ја максимизираат реакцијата на потрошувачите и подобро да ги запознаат со производот и компанијата.

Во зависност од пропагандната стратегија можни се два пристапи на медиумско планирање во меѓународниот маркетинг и тоа користење на меѓународна пропагандна стратегија и кампања која се спроведува воглавно преку меѓународни медиуми со дополнително вклучување на националните – локални медиуми каде што меѓународните немаат доволна покриеност, и користење на стандардизирана пропагандна кампања заснована на различни регионални или национални планови со употреба на национални – локални медиуми и дополнително вклучување на меѓународните медиуми. Главната разлика на меѓународното медиумско планирање од националното се состои во факторите на окружувањето и поставувањето на приоритети во работењето. Селекцијата не медиумите е често врзана со финансиската состојба, со избраната маркетинг стратегија, корпоративната култура и степенот на меѓународна ориентација. Планирањето за користење на широк круг на медиумски облици во пропагандната кампања во меѓународните и локалните

[4] Charles W.L. Hill. : International Business, Irwin Professional Pub, 2005, p.344

комуникациски активности на компанијата има низа предности од аспект на ефикасно допирање до потрошувачите или целниот аудиториум. На тој начин се постигнува одложен ефект кај потрошувачите кои ќе видат дека производот се промовира на повеќе места и можеби ќе одлучат да го купат; се намалува вкупниот ризик кој може да произлезе доколку пропагандните ефекти на одредени медиуми не бидат во согласност со предвидувањето; пропагандната порака може да се пласира на различни начини на различни медиуми со цел да го направи производот атрактивен за различни групи на потрошувачи; потенцијалниот купувач кој не е импресиониран од економската пропаганда преку еден медиум може да ја забележи истата на друг медиум, така што вкупната изложеност на публиката на пропагандните напори на компанијата ќе биде поголема отколку кога се користи само едно медиумско средство.

Специфичностите на изработката на медиумски планови и медиумското планирање во меѓународниот маркетинг се состојат во потребата на повеќе време за нивно спроведување, поголеми трошоци како и нивната посложена природа отколку кога се работи за еден пазар, поради тоа што постои разлика во важноста на тиражот, читаноста, гледаноста; постои недостаток на информации за преклопување на поединечни медиуми по земјите; како и големиот број на медиумски опции кои им стојат на располагање на меѓународните компании.

Изработката на медиумските планови[5] се заснова на медиумското планирање, кое е сложена, континуирана и одговорна задача. На меѓународните компании им стојат на располагање две можности за развивање на медиумско планирање, хоризонтално (кое се ориентира на користење на меѓународни медиуми) и вертикално планирање (кое се ориентира на користење на национални односно локални медиуми). Хоризонталното медиумско планирање компаниите го користат кога се работи за воведување на нов производ или марка, концепирана како глобален производ кој е наменет за глобалниот потрошувач каде што културните и јазичните бариери не играат значајна улога. Додека, вертикалното медиумско планирање компаниите го користат за производи или услуги кај кои културниот и јазичен фактор е поизразен, а демографските и другите карактеристики на пазарот се исто така значајни.

При изборот на медиуми меѓународната компанија има голем број на опции, а како клучни критериуми се правилото на ефективност и економскиот аспект. Некои од можните медиумски опции погодни за пропагандна кампања во меѓународниот маркетинг се редиото и телевизијата (кабловска, сателистка), весници и списанија (општи и специјализирани), директна ПТТ комуникација (писма), каталози и друга пропагандна галантерија, факс

[5] Philippe Lasserre: Global Strategic Management, Second edition, Palgrave Macmillan, 2007, p. 258

пропаганда, видео или филмска продукција, надворешна пропаганда (билборди, постери, транспортна и неонска пропаганда) и саеми и изложби. Купувањето на медиумски простор или време за потребата на меѓународната економска пропаганда може да се остварува директно од сосптвеникот на медиумот, преку специјализирана фирма која делува како медиумски брокер и преку пропагандни агенции или медиумски клубови. Медиумските брокери располагаат со значајни информации за медиумската слика на регионалниот и глобалниот пазар, за карактеристиките на расположливите медиуми, цените, можните попусти, а можат да се вклучат и во преговори со сопствениците на медиумите со цел закуп на простор и време, за сметка на своите клиенти. Најчесто, компаниите ангажираат една агенција со статус на водечка агенција која е поврзана било со најголемиот пазар на кој настапува меѓународната компанија или е лоцирана во земјата каде се наоѓа централата на компанијата. Пропагандните агенции се вклучени во медиумското планирање и закупот на медиумите, со цел подобра координација, планирање, дефинирање и спроведување на активностите на економска пропаганда во меѓународниот маркетинг на компаниите. Праксата покажува дека помали локални агенции ангажираат меѓународни компании кои спроведуваат пропагандни активности за еден производ на ограничен број пазари. Кога компанијата има повеќе производи или марки кои треба да ги промовира во многу земји, ова е покомлицирано решение бидејќи треба да се склучуваат повеќе договори, да се спроведува повеќе пати процесот на избор на локална агенција, треба да се остварува комуникација со поголем број агенции, треба да се следи, контролира и оценува извршувањето на секоја од нив.

Економската пропаганда како специфична маркетинг активност е врзана за големи вложувања кои треба да се третираат како инвестиции слично како инвестициите во нова опрема, знаење или било кој вид недвижност. Пропагандниот буџет зависи од две групи на фактори, интерни (менаџментот на компанијата и целите кои треба да ги постигнат пропагандните активности) и екстерни (владина регулатива, стратегиите на конкуренцијата, атрактивност на конретниот пазар).

Унапредувањето на продажбата спаѓа во категоријата на инструменти кои се доминантно под контрола на компанијата, не бара посебно финансиско ангажирање на други организации, многу е ефикасна во поединечните фази на животен циклус на производот и мора да се спроведува во дадените правни, економски, политички и културни услови на земјата во која се применува. Меѓународното унапредување на продажбата претставува промотивна активност на компанијата ориентирана на краткорочни ефекти врзани за зголемување на продажбите на светскиот пазар. Вниманието на активностите на унапредувањето на продажбата е насочено кон постигнување на интерес кај потрошувачите, стимулирање на желбата за купување и генерална

поволна реакција на целниот пазар која ќе се утврди преку побарувачката за производите или услугите на компанијата.

Се применуваат две категории на техники за унапредување на продажбите и тоа техники насочени на потрошувачите и техники насочени на трговијата (каналите на дистрибуција). Техниките насочени на потрошувачите имаат основна цел да поттикнат купување на производите воопшто или да ги насочат купувачите на конкретни продавници, како што се купоните, попустите, бесплатните примероци, наградите, подароците и лотариите. Техниките на унапредување на продажбите насочени на трговијата имаат за цел стимулирање на каналите на дистрибуција за преземање на производите, зголемување на продажбата или мотивирање на продавачите подобро да ги извршуваат своите продажни активности во врска со конкретниот производ, како што се натпревари за продажба, додатоци за пропагандна активност во трговијата и додатоци за посебно ангажирање при изложување на производите.

Специфичноста на личната продажба[6] како елемент на промотивниот микс е тоа што се заснова на двонасочна комуникација, се применува за специфични производи или услуги (воглавно индустриски производи) и се базира на ангажирање на посебно обучени и подготвени кадри кои работат според однапред подготвени програми. За успешно спроведување на меѓународните маркетинг активности и промотивно делување во рамките на концептот на лична продажба, меѓународните компании мораат многу прецизно не само да го организираат својот продажен персонал туку и по прецизни критериуми да извршат избор, обука, мотивирање и проценување на ангажирањето и на остварените резултати на целниот пазар. Праксата на лична продажба е најзастапена кај производите од висока технологија и воопшто компании кои спаѓаат во онаа група која развива концепт на меѓународен индустриски маркетинг. Активностите на лична продажба компаниите можат да ги извршуваат од матичната локација или најчесто преку своите ограноци или супсидиери во светот.

Односите со јавноста се еден од водечките инструменти на промотивниот микс во меѓународниот маркетинг. Маркетинг коминукационата функција - односи со јавноста[7], подразбира развивање на специфична програма на активности кои ќе овозможат меѓународната компанија да биде сфатена и прифатена на меѓународната сцена како што таа посакува или како што е објективно ориентирана со својата политика и стратегија на меѓународно работење. Односите со јавност имаат за задача да креира позитивно мислење за компанијата, да ги промовира производите и услугите и да допринесе за

[6] Ricky W. Griffin, Michael W. Pustay: International Business: Managerial Perspective, Third Edition, Prentice Hall, 2003, p. 217

[7] Ricky W. Griffin, Michael W. Pustay: International Business: Managerial Perspective, Third Edition, Prentice Hall, 2003, p. 198

зголемување на вредноста на имотот, капиталот и да обезбеди јавна поддршка. Од аспект на процесот на комуницирање, Односите со јавност се ориентирани на вкупната јавност, и внатрешна и надворешна. Особено е значаен за меѓународните компании кои во своето работење се среќаваат не само со различни профили на окружување туку и со различни односи помеѓу поединечните фактори на окружување. Постојат два основни профили на односи со јавноста за кои треба да се води сметка при програмирањето на активностите на односите со јавноста, а тоа се корпоративниот ПР и маркетинг ПР. Корпоративниот ПР е усмерен на создавање на имиџот на компанијата и е особено значаен во меѓународниот маркетинг, бидејќи за успехот на многу компании денес станува многу битно како ги гледа надворешниот свет. Меѓународните компании по својот профил и природа се предмет на интерес на широката јавност. Маркетинг ПР се однесува на создавање на ставови во врска со производот, услугата или марката која што меѓународната компанија сака да ја пласира на меѓународниот пазар. Целите на меѓународните ПР кампањи се многубројни и различни, остварување имиџ на марката на различни меѓународни пазари, ширење на името на компанијата кај широката јавност, надминување на предрасудите во врска со употребата на одделни производи, зголемување на интересот за компанијата, производот или продажбата, намалување на трошоците за продажба, постигнување на соодветен углед во локалните медиуми, намалување на штетата од извесни непријатни случувања врзани со угледот на компанијата.

Сите активности на односите со јавноста се врзани со остварување на два ефекти, создавање на позитивна слика за компанијата и во исто време позитивна слика за нејзината активност односно линијата на производи или услуги. Техниките за односи со јавноста се користат, не само кога треба да се изгради или одржи позитивна слика односно goodwill и имиџ на меѓународната компанија и нејзината производна линија, туку и кога треба сетоа тоа да се одбрани во одредена ситуација, непогода или несреќен случај.

Директниот маркетинг се заснова на системот на информирање и / или продажба каде што компанијата воспоставува директна, персонализирана врска со поединечниот купувач со интерактивно комуницирање. Од аспект на маркетинг комуницирање станува збот за релација која е јасна и мерлива. Овој тип на маркетинг всушност преставува комбинација од три маркетинг техники, економска пропаганда, унапредување на продажбите и истражување на пазарот. Директниот маркетинг е погоден за остварување на лојалност на марката на производи. Постојат три клучни претпоставки за развивање на успешен директен маркетинг, уредна компјутеризирана база на податоци, соодветни средства за поврзување со целниот сегмент на потрошувачи и ефикасен систем на дистрибуција.

Заклучок

Комуникацискиот аспект на маркетингот ја претставува неизбежната и најприменуваната и од аспект на деловната пракса најконтроверзната димензија на конципирање, развивање и спроведување на маркетинг активностите. Во процесот на меѓународниот маркетинг овие димензии уште повеќе се истакнуваат со што се потенцира фактот дека основното правило за успех е дека рецепти и шаблони воопшто и непостојат.

Во меѓународниот маркетинг комуникацискиот процес се одвива во сложено содејство на низа фактори кои значително влијаат на текот на комуницирањето. Ефикасноста на спроведувањето на оваа маркетинг задача зависи во голема мера од нивото на маркетинг квалификуваноста на компанијата и од фукнционирањето на нејзиниот маректинг систем.

Промоција како инстурмент на меѓународен маркетинг микс е дел од процесот на маркетинг комуницирањето на претпријатието чија основна цел е создавање на позитивен став за производите или услугите со што се придонесува до нивно фаворизирање во процесот на купувањето, односно посакуваното пазарно позиционирање, како на производите така и на претпријатието. Со промотивниот микс во меѓународниот маркетинг се опфаќа: економска пропаганда, унапредување на продажбата, лична продажба, маркетинг аспект на односите со јавноста, интерактивен или директен маркетинг.

Економската пропаганда како платена форма на масовно комуницирање, каде испраќачот на пораката е познат, се заснова на користење на масовни и други медиуми во претставувањето и пормоцијата на одредени идеи, производи или услуги со цел пренесување на соодветни информации, развивање на наклонетоста или потикнување на акција во корист на производите и услугите на претпријатието.

Секоја од споменатите опции на медиумско планирање има своја специфичност, сепак содржината, профилот и методологијата на изработка на медиумските планови се зансоваат на универзален принцип – поставување на потрошувачот односно целната група во прв план. Компаниите и марките на производи можат да бидат глобални, технологијата на комуницирање и пропагандните агенции исто така, но многу потрошувачи сеуште имаат домашна перспектива.

Конечниот избор на агенција од страна на меѓународно ориентираниот клиент во секој случај треба да се базира на искуството на агенцијата, нејзините остварени резултати, трошоците за нејзино ангажирање, специјалноста која може да ја понуди, иновативните и креативните способности, како и можноста да се процени и контролира нејзината работа.

Атрактивноста на користење различни облици на унапредување на продажбите се должи на предностите во однос на трошоците, едноставно таргетирање на потрошувачите и поедноставно следење на ефектите на промотивното ангажирање. Унапредувањето на продажбите не се разгледува како алтернатива на меѓународните пропагандни активности туку како составен дел на меѓународното медиумско планирање. При определување на облиците и техниките на унапредување на продажбите мора да се земат во предвид локалното законоводство и културните разлики со цел да не дојде до пореметување во фазата на спроведување. Истовремено, меѓународните компании треба да бидат поддржани од локалните канали на продажба.

Директниот маркетинг како инструмент на интерактивно маркетинг комуницирање ќе има се поголема перспектива во меѓународните маркетинг активности во наредниот период. Напредокот во телекомуникациите обезбедува глобална проодност и создава подобри услови за развивање на практиката на директен маркетинг.

Порастот на значењето на односите со јавноста и останатите промотивни активности во современите услови на глобализиран свестки пазар се базираат на афирмацијата на комуникацискиот аспект на маркетингот на интегрални основи. Перманентното и концепциски поставено комуницирање со окружувањето во многу случаи е клуч на меѓународниот успех, па оттука многу меѓународно ориентирани компании имаат се поинтензивно ангажирање во креирањето на успешна политика на меѓународно маркетинг комуницирање.

POLITICS IN MARKETING COMMUNICATIONS – PROMOTION IN INTERNATIONAL MARKETING

Abstract

The present paper tackles specific aspects of the marketing communication process looked at in an international setting. The relevant key factors in the selection and evaluation of the effects and structures of distinct forms of marketing communications are closely analyzed. Furthermore, the authors determine the specific traits of integrated marketing communication, as well as the modalities, factors, and instruments of the promotional mix used in international marketing. The procedures regarding the determining of the marketing budget, marketing planning, and public/client relations on international level are delineated individually.

Key words: *marketing communication, promotion, promotional mix, international marketing*

Литература

1. Philip Kotler, Kevin Lane Keller : Marketing management, thirteenth edition, Pearson Prentice Hall, 2009.
2. Warren J. Keegan, Mark C. Green, Global marketing, second edition, Prentice Hall, 2000.
3. Prof. Mile Jovic, Medunarodni marketing, 2 izdanie, Intermanet Beograd, 2006.
4. Charles W.L. Hill. : International Business, Irwin Professional Pub, 2005.
5. Philippe Lasserre: Global Strategic Management, Second edition, Palgrave Macmillan, 2007.
6. Christopher Barlett, Samantha Choshal, Paul Beamish: Transnational management, Text, Cases, and Reading in Cross-border Management, Fifth edition, McGraw-Hill, 2008.
7. Ricky W. Griffin, Michael W. Pustay: International Business: Managerial Perspective, Third Edition, Prentice Hall, 2003.
8. Thomas L. Wheelen, J. David Hunger: Strategic management and business policy, eleventh edition, Pearson Prentice Hall, 2008.

330.133.7

Проф. д-р **Зоран ИВАНОВСКИ,**
М-р **Надица ИВАНОВСКА,**

ДЕМИСТИФИКАЦИЈА НА МИТОВИТЕ ЗА ВРЕДНУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА

Апстракт

Постојат многу области на вреднувањето каде постојат бројни несогласувања помеѓу економските експерти, вклучувајќи и како да се одреди вистинската вредност и времето потребно пазарната цена да се прилагоди на вистинската вредност. Сепак, постои еден факт околу кој нема несогласувања. Цените на средствата не можат да се оправдаат само со аргументот дека ќе има инвеститори кои во иднина ќе сакаат да платат повисока цена .

Основен постулат на квалитетното инвестирање се содржи во фактот инвеститорот да не плати повеќе за средството отколку што тоа вреди. Овој постулат изгледа логичен и очигледен, но често се заборава и повторно се открива од секоја нова генерација на учесници на секој пазар.

Клучни зборови: *инвестирање, вреднување, паричен тек, ефикасност.*

Вовед

Секое средство, финансиско и реално, има вредност. Клучот за успешно инвестирање и менаџмент на таквите средства лежи во разбирањето не само на тоа колкава е вредноста, туку, исто така, и на изворите на таа вредност.

Секое средство може да биде вреднувано, за одредени средства истото е поедноставно, кај другите посложено и се користат различни показатели, односно можеме да заклучиме дека вреднувањето е различно и зависи од случај до случај. Така, вреднувањето на уделот во недвижности се базира на различни информации и следи различен формат, споредено со вреднувањето на јавно тргуваните акции. Она што сепак изненадува, не е разликата во техниките за вреднување, туку степенот на сличноста во основните принципи.

Кај вреднувањето е присутен голем степен на неизвесност. Најчесто несигурноста произлегува од средството кое се вреднува, но и самиот модел за вреднување може да влијае на неизвесноста.

Основен постулат на квалитетното инвестирање се содржи во фактот инвеститорот да не плати повеќе за средството отколку што тоа вреди. Овој постулат изгледа логичен и очигледен, но често се заборава и повторно се открива од секоја нова генерација на учесници на секој пазар.

Постојат и такви кои се неискрени и кои тврдат дека вредноста се гледа само во очите на купувачот, како и тоа дека било која цена може да се оправда единствено ако друг инвеститор е подготвен да ја плати таа цена.

Ова е очигледен апсурд. Перцепциите можат да се прифатат ако станува збор за средство како што е слика или скулптура, но инвестоторите не купуваат и не смеат да купуваат средства заради естетски или емотивни причини.

Финансиските средства се купуваат заради готовинските текови кои се очекуваат од нив. Заради тоа, перцепциите за вредноста треба да се потпираат на реалноста, што значи дека цената платена за било кое средство треба да рефлектира готовински тек, кој се очекува да биде генериран.

Моделите за вреднување одат и чекор подалеку, во обид да се одреди вредноста и очекуваниот раст на готовинските текови.

1. Митови за вреднувањето

Постојат многу области на вреднувањето каде постојат бројни несогласувања помеѓу економските експерти, вклучувајќи и како да се одреди вистинската вредност и времето потребно пазарната цена да се прилагоди на вистинската вредност. Сепак, постои еден факт околу кој нема несогласувања. Цените на средствата не можат да се оправдаат само со аргументот дека ќе има инвеститори кои во иднина ќе сакаат да платат повисока цена .

Како и во другите аналитички дисциплини, вреднувањето има развиено свој сет на митови со тек на време.

Првиот мит: Поради тоа што моделите за вреднување се квантитативни, вреднувањето е објективно.

Вреднувањето ниту е наука, за која некои протагонисти се обидуваат да докажат дека е, ниту објективна потрага за вистинска вредност, како што идеалистите би сакале да биде. Моделите кои се користат во вреднувањето можат да бидат квантитативни, но сепак инпутите оставаат голем простор за субјективни проценки. Оттука, финалната вредност која се добива од овие модели е под влијание на предубедувањето и перцепцијата која оценувачот ја внесува во процесот на вреднување. Всушност, во многу вреднувања, цената прва се одредува,

а самото вреднување следи подоцна. Решение за ова е да се елиминираат предрасудите и предубедувањето, но тоа е полесно да се каже отколку да се направи.

Врз основа на влијанието на надворешните информации, како што се претходни анализи и мислења за одредена фирма, често се случува да влеземе во вреднувањето со такви претходни предубедувања. Постојат два начини за редуцирање на предубедувањата. Првиот е да се не се зема предвид силната јавна перцепција за вреднувањето на фирмата, пред самото вреднување да биде завршено. Во многу случаеви, одлуката дали фирмата е преценета или потценета претходи на фактичкото вреднување, што води до многу субјективни анализи.

Вториот начин е да го избегнеме воопшто размислувањето за тоа дали е фирмата преценета или потценета. Така на пример, постојат и институционални претпоставки или со пракса утврдени начини на однесување, кои влијаат на предубедувањата на аналитичарите. Имено, инвестиционите советници повеќе сакаат да дадат препорака за купување, отколку за продавање на акциите, односно почесто ги гледаат фирмите како потценети отколку преценети.

Кога се користи вреднувањето направено од некој друг, мора да се има предвид неговото предубедување пред да се донесе инвестициона одлука. Така на пример, самоевалуацијата направена од фирмата која е таргетирана за преземање, најчесто е со позитивно предубедување. Тоа не значи дека направеното вреднување е безвредно, туку сугестијата е таквата анализа да се гледа со скептицизам.

Линијата помеѓу инвестициониот советник кој прави анализа на вредноста на акцијата и обичниот продавач речиси и да се губи, во периодите на ирационален ентузијазам на берзите. Во доцните деведесети, кога започна растот на пазарните вредности на компаниите на берзата, се јавија голем број на аналитичари на страна на продажбата на акциите на тие компании, со што станаа речиси лидери на продажбата на тие акции, создавајќи го оптимизмот на берзата. Можеби тие мислеа добро со препораките, сепак факт е дека инвестиционите банки каде тие работеа заработуваа од продажбата на иницијалните јавни понуди на тие фирми.

Во 2001 година, кога настана крах на берзите и се изгуби значителен дел од пазарните вредности на акциите, се јавија огорчените инвеститори кои го изгубија своето богатство. Тогаш се побара и од законодавците, како и од SEC (КХВ) да се произнесат околу вреднувањата и да се донесат објективни критериуми за вреднување за инвестиционите банки. Тогаш, дел од инвестиционите банки, како Мерил Линч и ЦСФБ одлучија дека нивните аналитичари не можат да имаат удели во компании кои ги покриваат со анализи. Сепак, главната причина за предубедувањата, односно комбинацијата на инвестиционото банкарство и инвестиционите советувања остана не допрена.

Прашање кое се поставува е дали е потребна државна регулација на анализа на хартиите од вредност? Сметаме дека тоа не е мудро, заради фактот што регулацијата тешко се спроведува и создава трошоци, кои брзо ќе ги надминат бенефитите. Најдобар одговор може да се испорача од страна на портфолио менаџерите и инвеститорите. Анализи на акциите кои создаваат потенцијал за предубедување треба да бидат дисконтирани или дури и игнорирани.

Вториот мит: Добро направените вреднувања се засекогаш вредни.

Вредноста добиена со моделите за вреднување се одредени со информациите специфични за фирмите, како и информациите за пазарот во целина. Како последица на тоа, вредноста се менува со појава на нови информации. Како резултат на константен прилив на информации на финансиските пазари, вреднувањето направено за одредена фирма брзо застарува и треба да биде постојано обновувано за да ги одразува тековните информации. Овие информации можат да бидат специфични само за фирмата, да влијаат на целиот сектор или да одразуваат очекувања за сите фирми на пазарот.

Највообичаен пример за специфични информации за фирмата се финансиските извештаи, кои содржат информации не само за работењето и резултатите на компанијата за одреден период, туку, што е уште поважно и за бизнис моделот кој фирмата го применува.

Драматичниот пад на вредноста на многу акции од 1999 до 2001 може да се следи, барем делумно, од аспект на реализацијата која фирмите ја имаа согласно применуваниот бизнис модел, кој влијаел на зголемен број на клиенти, но не и на приходите, дури и на долг рок. Во одредени случаеви, новите информации можат да влијаат на вреднувањето на сите фирми во одреден сектор. Така, фармацевтските компании, кои беа високо вреднувани на почетокот на 1992, врз основа на претпоставките за високиот раст што го имаа во претходните години за кој се мислеше дека ќе продолжи и во иднина, веќе во 1993 година беа вреднувани значително пониско, заради здравствените реформи и ценовните ограничувања. Тоа значи, дека вреднувањата (како и препораките на аналитичарите) направени во 1992 година кои беа критикувани, сепак во период на нивно изготвување беа разумни и во согласност со расположливите информации во тоа време.

Конечно, информациите за состојбата во економијата и нивото на каматните стапки влијаат на вреднувањето на економијата. Слабеењето на економијата може да предизвика преоценување на сите стапки на раст, преку ефектите врз приходите на компаниите, како резултат на циклусните движења на економијата. Слично на тоа, порастот на каматните стапки влијае на сите инвестиции, со различен степен. Во одредени случаеви, фактот дека вреднувањето се менува низ време може да се смета како проблем. Најдобар одговор на тоа може да биде одговорот на Кејнз на обвинувањата за промена на неговиот став за главните

економски прашања: "Кога фактите се менуваат, јас го менувам мислењето, а што правите Вие господине?"

Третиот мит: Квалитетно вреднување обезбедува прецизна проценка на вредноста

Дури и на крајот од највнимателното и најдеталното вреднување, ќе постојат несигурности околу финалните бројки, под влијание на претпоставките кои аналитичарот ќе ги има во однос на иднината на компанијата и економијата во целина. Нереалистички е да се очекува или да се бара апсолутна сигурност во вреднувањето, заради тоа што готовинските текови и дисконтните стапки се проценуваат со грешка. Тоа значи, дека мора да се утврди маргина на грешка, кога се дава препорака врз база на вреднувањата. Степенот на прецизноста е различен за различните видови на инвестиции. Вреднувањето на големите и зрели компании, со долга историја, се обично попрецизни отколку вреднувањето на млади компании, во сектори со големи осцилации. Ако таквите компании работат на растечки пазари, со дополнителни несигурности околу иднината на пазарите, несигурноста на вреднувањето се зголемува. Зрелите компании полесно се вреднуваат од растечките, односно младите компании кои скоро започнале со деловната активност многу потешко се вреднуваат отколку компаниите со дефинирани позиции на пазарот. Проблемот не е во моделите за вреднување кои се користат, иако со претходно споменатите потешкотии, започнува проценката на иднината. Многу инвеститори и аналитичари ја користат несигурноста за иднината или отсуството на информации за да ги оправдаат своите слаби вреднувања. Во реалноста, сепак, зад нереалните вреднувања стојат коруптивни активности.

Четвртиот мит: Колку е моделот повеќе квантитативен, толку е подобро вреднувањето

Може на прв поглед да делува разумен заклучокот - кога моделот за вреднување е покомплетен и покомплексен дека резултатите од вреднувањето ќе бидат поуспешни, но тоа сепак, не е секогаш задолжително. Како моделот станува покомплексен, бројот на влезни големени потребни за вреднување на фирмата се зголемуваат, со што се зголемува веројатноста да се внесуваат и погрешни варијабли. Овие проблеми се мултиплицираат како моделите стануваат покомплексни, односно едни претпоставени бројки влијаат на другите.

Често, вината за грешката се префрла на моделот. Постојат три приоди кон овој проблем. Првиот е принципот на прудентност (principle of parsimony), кој во основа потенцира да не се употребуваат повеќе инпути од тие што се потребни за да се вреднува средството. Вториот принцип е дека постои сооднос помеѓу бенефитите од одење во детали и трошоците (и грешките) на проценката. Третиот принцип е дека моделот не ги вреднува компаниите, туку дека тоа го прави аналитичарот.

Проблемот при вреднувањето, денес, во светот во кој живееме, не е тоа што нема информации, туку има премногу информации и е исклучително тешко да се оделат релевантните од ирелевантните за моделот за вреднување.

Петтиот мит: За да се заработува од вреднувањето, треба да се претпостави дека пазарот е неефикасен

Често се истакнува при вреднувањето претпоставката дека пазарот прави грешки и дека аналитичарите можат да ги најдат тие грешки, користејќи ги информациите кои ги имаат и десетици илјади други инвеститори. Оттука, изгледа разумно тврдењето дека оние кои веруваат дека пазарите се неефикасни, навистина треба да го трошат времето и ресурсите на вреднување, додека оние кои веруваат дека пазарите се ефикасни треба да ја користат пазарната цена како најдобра проценка на вредноста.

Сепак, ваквиот став не ја рефлектира внатрешната спротивност на двете позиции. Оние кои веруваат дека пазарите се ефикасни, сеуште веруваат дека вреднувањето може дополнително да користи, особено кога се вреднуваат ефектите на промените во фирмата или кога се бара анализа и објаснување на промените на берзанските цени.

Исто така, не е јасно како пазарот ќе стане ефикасен, ако инвеститорите не се обидуваат да најдат потценети и преценети акции и ако не тргуваат врз основа на тие вреднувања. Со други зборови, предуслов за ефикасност на пазарите е во постоењето на милиони инвеститори кои веруваат дека пазарот не е ефикасен. Од друга страна, тие кои веруваат дека пазарите прават грешки и купуваат или продаваат акции на таа основа, во крајна линија веруваат дека пазарите ќе ги корегираат тие грешки, односно ќе станат ефикасни, заради тоа што на тој начин тие ќе заработат пари. Ова е дефиниција на неефикасноста – пазарите се неефикасни до тогаш додека инвеститорите не се стекнат со долга позиција, со купени акции за кои веруваат дека се потценети, но сепак, тие ќе станат ефикасни кога инвеститорите ја имаат таквата позиција.

Приодот кон ефикасноста на пазарите беше скептичен. Од една страна, веруваме дека пазарите прават грешки, но од друга страна, наоѓањето на такви грешки бара комбинација на знаење и среќа. Таквиот поглед кон пазарот не води до следните заклучоци.

Прво, ако нешто изгледа премногу добро да биде вистина, акциите очигледно изгледаат потценети или преценети, што веројатно не е вистина. Второ, кога вредноста од анализите е значително различна од пазарната цена, започнуваме со претпоставката дека пазарот е точен и треба да се убедиме дека во нашиот случај тоа не точно. Ова не води кон тоа, да бидеме претпазливи со вреднувањето. Тргнувајќи од историскиот проблем да се победи пазарот, ова станува посакуван исход.

Шестиот мит: Резултатот на вреднувањето – вредноста е она што е важно, процесот на вреднување не е важен.

Аналализата на моделите за вреднување може да резултира со ризик да се фокусираме само на резултатот, односно на вредноста на компанијата, дали истата е потценета или прецената, односно ризик да се испуштат вредните показатели добиени при процесот на вреднување. Процесот на вреднување може да ни ги открие детерминантите на вредноста и да ни даде одговори на фундаментални прашања: Која е соодветна цена да се плати за високиот раст? Колку вреди брендот? Каков е ефектот на профитната маргина на вредноста?

Процесот на вреднување е исклучително информативен, дури и за оние кои веруваат дека пазарите се ефикасни и дека пазарните цени се најдобра проценка на вредноста, односно и таквите инвеститори ги сметаат моделите за вреднување како релевантни и корисни.

2. Улогата на вреднувањето и значење за корисниците

Вреднувањето е корисно за различни намени. Улогата на вреднувањето, сепак е различна. Генерално, вреднувањето е важно за портфолио менаџментот, анализа на аквизициите и корпоративните финансии.

Улогата која вреднувањето ја има во портфолио менаџментот е детерминирана во голем дел од инвестиционата филозофија на инвеститорот. Вреднувањето има минимална улога во портфолио менаџментот на пасивниот инвеститор, додека има значајна улога за активниот инвеститор. Дури и помеѓу активните инвеститори, природата и улогата на вреднувањето е различна за различни типови на активни инвеститори. Оние инвеститори кои одат на избор на тајмингот за купување или продавање (market timers) го користат вреднувањето многу помалку од избирачите на акции (pick stocks), и нивниот фокус е повеќе на вреднувањето на пазарот, отколку вреднувањето на специфична фирма. Кај избирачите на акции (security selectors), вреднувањето има централна улога во портфолио менаџментот за фундаментална анализа и споредна улога за техничка анализа.

1. Фундаментална анализа: Основна идеа на фундаменталната анализа, е дека вистинската вредност на фирмата може да се поврзе со нејзините финансиски карактеристики, нејзините шанси за развој, профил на ризик и готовински текови. Било кое отстапување од вистинската вредност е знак дека акцијата е потценета или прецената. Тоа е долгорочна инвестициона стратегија и нејзини основни претпоставки се дека:

- соодносот помеѓу вредноста и основните финансиски фактори може да се измери;

- соодносот е стабилен подолг временски период;
- отстапувањата од соодносот се корегираат во краток временски период.

Вреднувањето е во фокусот на фундаменталната анализа. Некои аналитичари користат модели на дисконтирани готовински текови за да вреднуваат компании, додека други користат варијабли како што се P/E и P/B коефициенти. Заради тоа што инвеститорите кои го користат тој приод држат во свое портфолио поголем број на потценети акции, нивната надеж е дека нивното портфолио ќе биде поуспешно од пазарот.

2. Купувачи на франшизи: Филозофијата на купувачите на франшизи е најдобро објаснета од инвеститорот кој бил многу успешен во тоа – Ворен Бафет: "Се обидуваме да купиме бизнис кој го разбираме. Тоа значи дека мора да биде релативно едноставен и стабилен. Ако бизнисот е комплексен и променлив, не сме доволно умни да ги предвидиме идните готовински текови."

Купувачите на франшизи се концентрираат на бизниси кои добро ги разбираат и се обидуваат да купат потценети фирми. Купувачите на франшизи имаат влијание на менаџментот на компаниите и можат да влијаат на промени во финансиската и инвестиционата политика. Гледано како долгорочна стратегија, претпоставки за вакво нивно влијание се дека:

- Инвеститорите кои добро го разбираат бизнисот се во подобра позиција да го вреднуваат точно;
- Потценетите бизниси можат да се купат без да се "креваат" цените над вистинската вредност;

Вреднувањето има клучна улога во таквата филозофија, заради фактот што купувачите на франшизата се привлечени од бизнисот за кој веруваат дека е потценет. Тие се, исто така, заинтересирани за тоа колку дополнителна вредност може да се создаде со реструктуирање на бизнисот и негово поквалитетно менаџирање.

3. Чартисти: Чартистите веруваат дека цените се под влијание на психологијата на инвеститорите, исто толку, колку и на важните финансиски варијабли. Информациите кои се расположливи од тргувањето, како што се движењето на цените, обем на тргување, шортањето (short sales) и сл., даваат индикации за психологијата на инвеститорите и идните ценовни движења. Претпоставките тука се дека цените се движат во мостри кои можат да се предвидат, дека нема во доволен број маргинални инвеститори кои можат да ја искористат предноста од таквите мостри и дека просечниот инвеститор на пазарот е повеќе влечен од емоциите отколку од рационални анализи.

И покрај тоа што вреднувањето не игра важна улога во чартирањето, постојат начини, кога чартистите ги инкорпорираат вреднувањата во своите анализи. На пример, вреднувањето може да се користи за да се одредат линиите на поддршката и отпорот на ценовните графикони.

На графиконот, линија на поддршка обично се однесува на пониско ниво (паѓање), под кое цените не би требале да паднат, додека линија на отпор се однесува на повисок скок, над која цените не би требале да одат. Иако овие нивоа обично се проценуваат со користење на цени од минатото, распонот на вредностите добиен од моделот за вреднување може да се искористи за да се детрминираат тие нивоа, односно максималното ниво ќе стане ниво на отпор, а минималната вредност ќе стане линија на поддршка.

4. Трговци со информации (Information Traders): Цените се движат како резултат на информациите за фирмата. Трговците со информации се обидуваат да тргуваат пред појава на новите информации или во кусо време после нивното појавување на финансиските пазари, купувајќи кога се добри вестите и продавајќи кога вестите се неповолни. Основна претпоставка е дека таквите трговци можат да ја антиципираат објавата на информацијата и да ја предвидат реакцијата на пазарот, подобро од просечниот инвеститор на пазарот.

За трговецот со информации, во фокусот на вниманието е односот помеѓу информацијата и промените на вредноста, повеќе отколку вредноста сама за себе. Така, трговецот со информации може да купува и преценети компании ако верува дека објавата на следната информација ќе предизвика пораст на цената, заради фактот што содржи подобри од очекуваните вести. Доколку постои сооднос помеѓу потценетите или преценетите компании и реакцијата на нивните берзански цени на нови информации, тогаш вреднувањето може да има значење за трговецот со информации.

5. Пазарни тајмери (Market Timers): Пазарните тајмери веруваат, дека е полесно да се предвидат пазарните движења отколку да се селектираат акциите и дека таквите предвидувања треба да се базираат на фактори кои се евиденти.

Додека вреднувањето на индивидуалните акции може да не биде од корист за пазарниот тајмер, стратегиите за пазарен тајминг го користат вреднувањето најмалку за две цели:

- Целиот пазар може да се вреднува и да се спореди со тековното ниво;
- Моделот за вреднување може да се користи да се вреднуваат сите акции и резултатите од споредбата можат да се користат да се детерминира дали пазарот е потценет или преценет. На пример, како бројот на акциите кои се преценети, со користење на моделот за дисконтирање на дивиденди, се зголемуваат во споредба на бројот на

акциите кои се потценети, постои причина да се верува дека пазарот во целина е преценет.

6. Ефикасни трговци: Ефикасните трговци веруваат дека пазарната цена во било кое време претставува најдобра проценка на вистинската вредност на фирмата и дека било кој обид за експлоатирање на претпоставената пазарна ефикасност ќе чини поскапо отколку очекуваниот профит. Тие претпоставуваат дека пазарот ги прибира информациите брзо и тековно, така што маргиналната вредност од моделот за вреднување може да се користи да се детерминираат тие нивоа, односно, максималната вредност ќе стане ниво на отпор (resistance level) и минималната вредност ќе стане линија на поддршка (support line). Инвеститорите брзо ги искористуваат сите неефикасности, односно сите неефикасности се резултат на трансакциони трошоци и нема можности за арбитража.

За ефикасните трговци, вреднувањето е корисна практика, за да се утврди зошто акциите се продаваат по фактичката цена. Заради тоа што основна претпоставка е дека пазарната цена е најдобра проценка на вистинската вредност на компанијата, целта на вреднувањето е да се детерминира дали претпоставките за растот и ризикот се вградени во пазарната цена, повеќе отколку да се бараат потценети или преценети фирми.

3. Вреднување на аквизициите

Вреднувањето треба да има главна улога во анализите на аквизициите. Фирмата или индивидуален инвеститор заинтересиран за аквизиција треба да ја знае фер вредноста за таргетираната фирма, пред да ја поднесе понудата, а исто така, и таргетираната фирма треба да утврди разумна цена за себе, според која ќе ја прифати или отфрли понудата.

Постојат, исто така, специјални фактори, кои треба да се имаат предвид при вреднување заради превземања. Прво, ефектот на синергијата на комбинираната вредност на двете фирми (таргетираната плус фирмата понудувач) треба да бидат земени предвид, пред да се даде понуда. Второ, ефектот на вредноста, како резултат на промена на менаџментот и реструктурирање на фирмата, исто така, треба да бидат земени предвид при утврдување на фер цената. Ова е особено важно, при насилните преземања. Конечно, постои значаен проблем со предубедувањата при вреднувањето на преземањата. Таргетираната фирма може да биде премногу оптимистичка со проценка на вредноста, особено кога преземањето е насилно, за да ги убедат своите акционери дека им се нуди прениска цена.

4. Заклучни разгледувања

Вреднувањето има клучна улога во многу области на финансиите – во корпоративните финансии, спојувањата и аквизициите, како и портфолио менаџментот. Сепак, треба да се истакне фактот дека вреднувањето не е вежба на објективноста, односно сите претходни перцепции и предубедувања на аналитичарот најчесто ќе бидат вградени во вредноста.

Ако целта на корпоративните финансии е максимизација на вредноста на компаниите, постои поврзаност помеѓу финансиските одлуки, корпоративната стратегија и вредноста на фирмата. Вредноста на фирмата може директно да зависи од одлуките кои се донесуваат – кои проекти да се реализираат, како да се финансираат и политика на дивиденди. Разбирањето на тие односи е клуч за донесување одлуки со кои се зголемува вредноста на компанијата.

Resume

Valuation has a key role in finance, especially corporate finance, mergering and acquisition (M&A) as well as portfolio management. However, it is important to notify that valuation is not practicing objectivity and that all previous annalists' perceptions and biases are already incorporated in the asset value.

If the basis task of the corporate finance is maximization of the company value, it is obvious that financial decisions are close related with corporate strategy and value of the firm. The value of the company is directly related and depends on decision for specific projects, way of financing as well as dividend policy. Understanding of these relations is key for decision-making process and increase the value of the company itself.

Литература

1. Aswath Damodaran, Damodaran on Valuation: Security Analysis for Investment and Corporate Finance (Wiley Finance)
2. Arthur J. Keown, A. Jetal, Financial Management: Principles & Aplications, 10-th edition, New York,2004
3. Alan C. Shapiro & Shelton D. Balbirer, Modern Corporate Finance, USA,2004
4. Burton G. Malkiel, A Random Walk Down Wall Street, New York, 1999
5. Brigham,E.F, Ehrhardt, M. C., Financial Managmement: Theory & Practice, Hardcourt College Publishers Series in Finance, New York, 2004

6. Brigham,E.F, Houstion J.F., Fudamentals of Financial Management, 10th edition, South-Western Collegge Pub, New York, 2003
7. Brigham,E.F, Financial Management: Theory and Practice, South- Western Pub, New York, 2004
8. Berк/DeMarzo, *Corporate Finance*, Pearson, 2008
9. Burton G. Malkiel, A Random Walk Down Wall Street, New York, 1999
10. Copeland/Weston/Shastri, *Financial Theory and Corporate Policy*, Addison - Wesley, 2007
11. Gitman, *Principles of Managerial Finance*, Addison - Wesley, 2007
12. McDonald, *Derivative Markets*, Pearson, Addison - Wesley, 2007
13. Ивановски Зоран, *Финансиски менаџмент, Европски универзитет*, Скопје, 2007
14. Ивановски Зоран, *Хартии од вредност и портфолио менаџмент*, Европски универзитет, Скопје, 2007
15. Mishkin/Eakins, *Financial Markets and Institutions*, Pearson, 2007

339.7/.9(497.7)

Проф. д-р **Панче ЈОВАНОВСКИ**[1]

ПРАВИЛО „4И“ VIS–À –VIS ИТАРПЕЈОВСКА ЕКОНОМИЈА

Апстракт

Што да се избере? Дали да се применува Правилото „4И“ или да се продолжи со „Итарпејотавската економија“ претставува лажна дилема, со долгорочни крајно негативни ефекти. Возилото кое би требало Р. Македонија да ја однесе во посреќна иднина има четири тркала. Првото тркало се институциите на државата и нивниот начин на функционирање. Второто се интеграциите во глобалната светска економија. Третото тркало, пак, се инвестициите, домашните и странските. И четвртото тркало е интелектот, бидејќи без знаење и умеење, нема напредок.

Во спротивно останuваме во канџите на т.н. Кеопсовиот ефект кој се базира на популизмот во политиката. Извира од потребата да се остави „белег“ зад себе, за својата историска големина. Желбата за бесмртност непродуктивно ја зголемува потрошувачката на средствата кои се драгоцени и кои тешко се прибираат во државните буџети.

Клучни зборови: *Правило „4И“; Институции; Интеграции; Инвестиции; Интелект; Кеопсов ефект.*

Историјата како реалност

Една од главните пречки за развој на Р. Македонија, е што е фатена во „ни–ваму–ни–таму“ позиција. Ниту, според меѓународните стандарди, има модерна технологија што би го поттикнало производството и би му дозволило да се натпреварува на европскиот пазар, ниту пак има евтина работна сила. За надминување на ваквите состојби, освен цврстата одлука, условена од „добрата волја“ на политичарите, во најглема мера зависи од брзината и безболноста од завршувањето на процесот на транзиција на социјалистичкиот во пазарен начин на стопанисување.[2] Оваа „општествена

[1] Факултет за економски науки, ЕУРМ

[2] Практиката во изминатите неполни две децении на транзиционо живеење и работење во

револуција“ може да се атрибутирана како време на првобитна акумулација, како период на создавање на капетани на македонската економија. Тоа не е никаква новост, напротив тоа е само deja vu процес!

Овој процес, на пример во САД се одиграл во периодот на т.н. финансиски капитализам, кој траел од 1850, па некаде до 1933 година. Тоа е период во кој теоријата на англискиот научник Чарлс Дарвин за биолошката еволуција во “Потекло на видовите” (The Origin of Species), објавена во Лондон во 1859 година, атрибутирана со познатата фраза „преживување на најприспособените“, одекнала како звук од камбана од списите за Принципите на социологијата (Principles of Sociology) на Herbert Spenser, кој биолошките принципи ги применил врз општествениот развиток. Тој всушност рекол дека, можеби, за да се развијат посилните активности, послабите социјални институции и бизниси ќе бараат да бидат жртвувани.

Оваа рационализација на деловната етика за преживување на најприспособените била мошне популарна кај оние што, како приспособени, добро преживувале. Луѓето, како C. Vanderbilt, A. Carnegie, J. Gould, J. D. Rockfeller и други членови на т.н. група на „крадци на епохата“ изградиле фантастични империи. Под тркалата на овие моќни капетани на индустријата, кои започнале нешто, а завршиле како некој и нешто, биле сомелени малите луѓе и нивните мали бизниси. Но, она што е особено значајно е фактот дека периодот на финансискиот капитализам бил заменет со периодот на т.н. национален (државен) капитализам (1933–1950), чие основно мото било „не е важно како, важно е само возовите да пристигнуваат на време“.[3]

Кое е вистинското време и колосек за Република Македонија и за нејзиниот homo balcanicus, на тој „адвокат“ на минатото чија колективна меморија е кодирана со древни црковно-политички делби и апокрифни приказни? Како да престане да биде жив артефакт на асиметрични амбиции, дропка која повеќе служи за нови делби, отколку за множење и собирање? Како што не мора да оди надвор за да најде непријател, непријателот е тука, на дофат на раката, најчесто на неговиот хоризонт, така и одговорот е пред него, поточно во него, во промената на неговиот начин на размислување.

Република Македонија сета суровост наметнува употребениот поим процес да се восприеми како „глумење процес“, отколку како „реализирање процес“.

[3] Јовановски, Панче: *Странските директни инвестиции и Република Македонија*, Економски аспекти на управувањето со квалитетот : Зборник на трудови од Меѓународната конференција : Скопје, 15-16 ноември, Економски факултет, 2000, стр.73-81.

Ништо само по себе не целина

Прво и основно, ништо само по себе не целина. Исклучок од ова правило не е ниту Р. Македонија. Таа е дел од Европа и како таква и натаму ќе ги дели доблестите, но и болестите од битисувањето на стариот континент. Дилеми нема: иднината на ова парче земја наречено Р. Македонија е судбински врзана за Европската унија. Наместо празните дневно-политичките надмудрувања, дали денес или утре беше оној вистинскиот тајминг за аплицирање за членство, тоа требаше да биде направено не вчера, туку завчера и тоа пред неколку години. Во континуитет, vis–à–vis Европската унија, се направени бројни, големи грешки, со катастрофални последици. Самоуништувачката самобендисаност од типот “лидери во реформите”, или, магијата на самозаложувањето од типот “жртви на светскиот заговор”, резултира со суровиот факт дека досегашниот (прв) транзиционен период во Република Македонија да биде прокоцкан за лични интереси на поединци.

Несомнено право на политичарите е дали во конципирањето на идните мерки ќе бидат вградени постулатите на оваа или онаа економска теорија, како и дали ќе се преферираат ставовите на домашни или странски стручни лица. Но, при тоа, како прво, мора да се има предвид дека филозофијата на економскиот либерализам, искажана со синтагмата Laissez-Faire, претставува само дел од економските уџбеници. Предвидувањето дека иднината ќе биде во знакот на потполната слободна трговија, всушност претставува повеќевековен сон, кој и најтврдокорните приврзаници на апсолутната либерална економија немилосрдо и беспомошно ги соочува со реалитетот на политичката константа – поголем и побогат простор за сопствената држава. Наместо тоа, денес определени автори при објаснувањето на тековните економски движења, наместо постулатите на прочуената теорија на Дејвид Рикардо за компаративните предности или како што понекогаш ја нарекуваат „теорија на компаративните трошоци на производството“, ја преферираат т.н. теорија на меѓународното производство.

За разлика од изминатите векови каде што светот јасно бил поделен на независни, суверени држави, вклучувајќи ги и нивните колонии, во 20. век со глобализацијата на светската економија е изградена сложена политичко – економска матрица во која се вклопени и функциите, одговорноста и власта на државите.

Веќе не е битно каде, туку кој. Made in е заменето со Made by.

Во „Моќта на тријадите“, издадена во 1985 година, Кеничи Охмае тврди дека државите не се ништо друго освен творби на владите. Во претстојната „интегрирана економија“, каква што ја предвидува овој автор,

без оглед што и да зборуваат политичарите националните чувства нема да ги поттикнуваат потрошувачите да купуваат. На касата никого не го интересира за земјата в која сте родени или во која живеете. Кога се плаќа сметката никој не помислува на стапката на невработеност или на трговскиот дефицит.

И во право се!

Државата, оживотворена преку нејзините ИНСТИТУЦИИ, денес има сосем поинаква место и улога.

Економијата е наука за тоа како општеството управува со своите ретки ресурси. Во повеќето општества, ресурсите не се алоцираат од страна на еден централен планер, туку низ здружените акции на милиони домаќинства и претпријатија. Не постои никаква мистерија за тоа што е "економија". Без оглед дали зборуваме за економијата на општина Кратово, на малите држави или на големите народи, на Мозамбик или на САД, или на целиот свет, економијата претставува само група на луѓе кои взаемно дејствуваат низ вкрстените животни патишта.[4]

Првата лекција за донесувањето одлуки е сумирана во изреката на современиот економски гуру на Чикашката школа, на човекот кој го промени текот на светската економија во втората половина на XX век, професорот Милтон Фридман: *Не постои бесплатен ручек!*

Ова е време кога во средиштето е поединецот, а не група.

Несомнено целите на општеството ги определува државата која го води општеството кон нивно остварување. Се разбира при тоа значително се разликува изборот на целите. Платон замислувал држава чија цел би била остварување на златно доба во кое човечката дејност би била водена со совршена рационалност. Од друга страна, Хитлер смислата на државата ја гледал во остварување на расна чистота: "Државата е конечно средство. Нејзината конечност е во зачувавување и напредок на заедницата физички и психички истовидни суштества." Според Ленин пролетерската држава има за цел "да го води целиот народ во социјализам, ...да биде учител, водич и водач на сите работни и искористувани луѓе." Бидејќи општествените цели можат да се разликуваат најважно прашање е како да се одберат. Застапниците на органскиот пристап обично тврдат дека за општествениот организам

[4] Јовановски, Панче: *Принципи на економија*, ЕУРМ, Скопје, 2009.

остварувањето на поединечните цели е природно. Пример на таква природна цел е остварувањето на суверенитет над некое подрачје. Заради тоа наспроти фактот што филозофите со векови се обидуваат да објаснат што значи природно, одговорот не е јасен.

За разлика од нив, според механичкиот пристап, државата не е органски дел на општеството, туку е настојување на поединците во подобро остварување на поединечните цели. Во средиштето е поединецот, а не група.

Интернационализацијата не е новост!

Слабеењето на националните држави е нераскинливо поврзана со интернационализацијата, таа моќна сила во деловниот свет и надвор од него.

Катадневно светот станува сè помал! Со доаѓањето на уште побрзите финансиски и комуникациски текови, земјината топка сè побрзо се намалува. Марките на производи и услуги кои потекнуваат од една земја: машките костуми „Pierre Cardin“, пенкалата „Mont Blanc“, германските автомобили „Mercedes“, хамбургерите на „McDonald’s“, јапонското суши, италијанската пица, со воодушевување се прифаќаат во други земји. Меѓународната трговија незапирливо расте. Последниве децении, бројот на мултинационални корпорации се зголемува со геометриска прогресија. Причината се бара во *интернационализација (глобализација) – движење насочено кон експанзија на економските и социјалните врски меѓу земјите низ ширење на корпоративните институции и пазарната филозофија што води кон стеснување на светот во економска смисла.*

Компаниите посветуваат малку внимание на меѓународната трговија кога домашниот пазар е голем и преполн со можности. Исто така, домашниот пазар е многу посигурен. Менаџерите немаат потреба да учат други јазици, да се занимаваат со непознати и променливи валути, да се соочуваат со политички и правни неизвесности или да ги приспособуваат своите производи на потребите и очекувањата на различни купувачи. Ова беше ставот на многу западни компании, кои гледаа мала потреба да продаваат на далечните странски пазари, бидејќи се чинеше дека самите нивни домашни пазари нудат атрактивни можности за пораст.

Меѓутоа, денес деловното окружување се менува и фирмите не можат да си дозволат да ги игнорираат меѓународните пазари. Сé поголемата зависност на земјите низ светот од меѓусебната размена на стоки и услуги ја зголеми свесноста помеѓу компаниите за потребата за интернационалната

перспектива на нивните приоди кон бизнисот. Меѓународната трговија сé повеќе се либерализира! Фирмите мораат да изградат вештини со кои ќе се одбранат од конкурентите на својата домашна територија или да ги искористат деловните можности на странските пазари.

Вистина е дека многу компании со децении извршуваат меѓународни активности. Имињата како што се Toyota, Sony и Toshiba станаа домашни зборови на американскиот пазар и тоа на ист начин како што McDonald's, Toys „R“ Us, Nestlé, Philips и IKEA се познати имиња за поголемиот дел од потрошувачите во азиските земји како Јапонија, Сингапур и Хонгконг. Но, денес, глобалната конкуренција се интензивира. Локалните компании кои никогаш не мислеле на странските конкуренти, оддеднаш ги затекнуваат овие конкуренти во своите дворови. Фирмата која останува дома за да игра на сигурно, не само што ја испушта можноста да влезе на други пазари, туку исто така ризикува да го изгуби и својот домашен пазар.

Иако некои компании би сакале да ја запрат плимата на увозите од странство преку протекционизам, на долг рок, ова само ќе ги зголеми трошоците за живот и ќе ги заштитуваа неефикасните домашни фирми. Колку повеќе компаниите го одложуваат преземањето на чекори кон интернационализација, толку повеќе тие ризикуваат да бидат исклучени од пазарите во пораст низ светот. Домашните фирми кои мислеа дека се сигурни сега наидуваат на компании од соседните земји кои вршат инвазија на новните домашни пазари. Сите компании ќе мора да одговорат не некои основни прашања: Каква позиција на пазарот треба да се обидеме да постигнеме во нашата земја, во нашиот економски регион (на пример, Европа или земјите во Пацификот) и глобално? Кои ќе бидат нашите конкуренти на глобално ниво и кои се нивните стратегии и помошни средства? Каде треба да ги произведуваме или црпиме нашите производи? Какви стратешки сојузи треба да формираме со други фирми низ светот?

Интернационализацијата на производствениот процес, според многу релевантни оцени, сосема заслужено може да се закити со повеќе од престижната титула – најзначајна економска карактеристика на дваесетиот век, меѓу другото, поради своето влијание, како врз структурата на светското стопанство, така и врз начинот на глобалната политичка организација. При тоа, светското искуство, особено од последните неколку децении, многу недвосмислено и силовито говори дека оние држави што својот развој го потпираа врз кредитни аранжмани западнаа во сериозни тешкотии, а за разлика од нив, земјите кои имаа либерална политика спрема директните

странски и портфолио инвестиции забележаа високи стапки на раст на општествениот производ и извозот.

Интеграцијата е предуслов за инвестиции

Република Македонија, како мала држава, со сите транзициони болести, во никој случај не може да води политика на затворање во сопствениот атар, во дувлото на сопствените можности и/или неможности, најмалку поради следниве две базични причини:

1. автархијата (економска самозаокруженост на една земја) е само теоретски модел, чија (не)апликативност, меѓу другото, практично е потврдена и со дебаклот на мноштвото варијанти на социјалистичкиот експеримент, и
2. димензионираноста на нејзината постојна економска структура.

Не постојат, односно барем посериозно не се декларарирани поинакви размислувања во однос на нагласената неопходност за практично аплицирање на потребата за активно вклучување и ИНТЕГРАЦИЈА на Република Македонија во современите светски економски текови. Впрочем, ова е едно од навистина ретките прашања по кои постои консензус, како во научната мисла, така и кај сите политички партии, кои, независно една од друга, во своите програми ја имаат зацртано и сопствената обврска за изработка на нова, радикално поинаква стратегија за развој на македонската економија. Во сите нив, во глобала, наместо практикуваниот “контролиран хаос на првобитната акумулација”, свесно базиран и лажно оправдуван со транзиционите процеси, се ветува нов приод во стопирањето на деструктивните движења, а потоа и во развојното реанимирање на македонската економија, со максимално почитување и искористување на вкупните материјални и човечки ресурси.

Странските директни инвестиции наметнуваат сериозна дилема во политичкиот живот на една држава. Според едно видување – тие претставуваат губење на сопствената економска независност, а според другото – тие се неопходност за модернизација на економијата и фаќање чекор со современите светски текови. Дури и кога постои косензус за предностите на странските инвестиции, останува отворено прашањето како тие да бидат привлечени во Република Македонија. Тоа е голема задача, бидејќи за истото се заинтересирани речиси сите држави на земјината топка и секоја од нив располага со одредени предности во однос на другите.

Светот е повеќе заемно поврзан и меѓузависен од кога било порано. Глобализацијата и технологијата се двете главни сили што помогнаа да се создаде ново ниво на заемна кревкост (interlocking fragility) во светската економија. Глобализацијата значи дека производителите во една земја се увезуваат ресурси од други земји и се повеќе ги извезуваат своите производи во други земји. Технологијата – во форма на компјутери, интернет и мобилни телефони – овозможува информациите да течат низ светот со молскавична брзина. Вестите за едно ново откритие, корпоративен скандал или за смртта на некоја важна личност се слушаат во целиот свет. Добра вест се намалените трошоци, но лоша вест е зголемената ранливост. Отстапувањето функции на надворешни компании (outsoursing) секогаш имаше свои поборници и свои критичари. Додека во добрите времиња глобалната меѓузависност функционира во сечија корист, таа брзо шири многу болка и штета во лошите времиња.[5]

Практичните искуства на земјите од Далечниот Исток и од Јужна Америка недвосмислено опоменуваат дека е недоволно само да се донесе неопходната законска регулатива, туку, пред се, потребна е многу поагресивна и поорганизирана промотивна активност за запознавање на потенцијалните странски партнери, како со конкретните можности за инвестирање, така и со институционално – правниот амбиент за странско инвестирање. Покрај претпријатијата, овие активности нагласено би требало да бидат потпомогнати и од страна на самата држава.

Во насока на привлекување на директните странски инвестиции, несомнено дека Република Македонија не може сама да ги отстрани негативните екстерни фактори (политичката нестабилност на регионот), но може да дејствува во правец на менување на добар дел од другите фактори што ги определуваат тековите на странскиот капитал. Тоа, пред се, се однесува на забрзувањето на сеопфатно реформирање на економскиот систем, воведување на институции кои би означиле пазарно пријателски амбиент (friendly market), како и операционализирање на една вистинска отворена и либерализирана економија. Притоа, мора да се има предвид дека врската меѓу приливот на странски капитал и на процесот на транзиција е двонасочна, односно дека странскиот капитал придонесува за забрзување на транзицијата, но, од друга страна, и динамиката во спроведувањето на транзицијата позитивно влијае врз неговото привлекување.

[5] Kotler, Philip and Caslione. A. John (20*09), Chaotics: The Business of Managing and Marketing in the Age of Turbulence*, AMACOM, New York.

Спротивно на популистичките сфаќања, според кои даночниот третман и даночните олеснувања се главниот чинител што ги привлекува директните странски инвестиции, истражувањата покажуваат дека странските инвеститори се заинтересирани за обезбедување нови пазари, за стабилен економски и институционален амбиент, пред се, изразен преку транспарентна и релативно постојана законска регулатива.


Инвестирањето во земјите на Централна и Источна Европа, каде што странските инвеститори ја класифицираат Република Македонија, несомнено има одредени предности – ниски трошоци не само на работната сила, туку често и за сировините и сл. Но, многу често проблемите со кои се соочуваат странските компании ги анулираат позитивните ефекти што се очекуваат од инвестицијата. На пример, според анализите на Лондонската Бизнис Школа (London Business School), направени врз практичните искуства на одредени западни компании што веќе инвестирале во Источна Европа, главните проблеми можат да се класифицираат во неколку групи:[6]

1. *висок степен на бирократија,* кој во најдобар случај ги отежнува преговорите и го одложува почетокот на вложувањето, а во најлош случај во целост ги елиминира потенцијалните странски инвеститори. Комплексниот даночен систем кој што повеќе служи за казнување, а се применува слабо и произволно ја успорува економската активност, го охрабрува илегалното избегнување на плаќањето на данок и ги уништува компаниите кои се обидуваат да ги измират своите даночни обврски. Инвеститорите сакаат јасни правила и ефикасен правен систем кој ќе ги гарантира нивните права, и како акционери, и како договорни странки.

Сигурно дека е болен секој зафат поврзан со сечење на буџетските расходи. Оние субјекти кои се корисници на Буџетот, мислат дека таму остануваат за вјеки–вјеков. Ние го имаме, тука она што може да се нарече и „Кеопсов ефект“, кој извира од популизмот и од потребата на некого да остави „белег“ зад себе, кој ја зголемува непродуктивно потрошувачката на средствата кои се драгоцени и гледаме дека тешко се прибираат. Кај нас се вкрстосуваат личните проблеми, оние кои ги поседува некој моќен поединец, со државните пари, па добиваме, по вкрстувањето – на една страна државни проблеми а на друга лични пари.[7]

[6] London Business School, *CISME Discussion Papers 10 Case Studies*, London, Feb., 1996

[7] Глобус: *За државиот апетит даноците не стигнуваат за појадок*, број 129, 06 октомври 2009, Скопје.



Нашата корпоративна филозофија е работа 24х7.
Плата? Знаеш ли колку се невработени?
Пензија? Ќе имаат оние што ќе дочекаат!

Кеопсовиот ефект се базира на популизмот во политиката. Извира од потребата да се остави „белег“ зад себе, за својата историска големина. Желбата за бесмртност непродуктивно ја зголемува потрошувачката на средствата кои се драгоцени и кои тешко се прибираат во државните буџети.

2. *неможноста или неподготвеноста на владите да се сопре криминалот* кој се повеќе ги одвраќа странските инвеститори. Според заменикот секретар за финансии во САД, Larry Symmers “... митото и парите за заштита во Москва достигнуваат дури 15% од трошоците за плати.”[8] Освен ова, се понагласени се размислувањата со кои се изедначува корупцијата со процесот на приватизација. Ваквото атрибутирање мора да се преоцени, бидејќи корупцијата не е настаната од процесот на приватизација, таа постоела и претходно, туку во случајов претставува дополнителен отежнувачки фактор, поради дека фактот приватизацијата не е спроведена брзо и согласно законските прописи.

3. *мал број фирми кои ги задоволуваат стандардите што ги бараат странските компании.* Иако во источноевропските земји е доста високо нивото на техничкото образование, странските компании потрошиле доста време за обука на вработените во нетехничките дисциплини, како што се маркетингот, контролата на квалитетот итн. Освен ова, работниците

[8] Financial Times: *US says Moscow must tackle crime*, 2 April 1997, London.

тешко се привикнувале на тимската работа и работната дисциплина, но и на добиените ингеренции за самостојно одлучување и одговорноста.

4. *ниската продуктивност*. Како најчести причини се наведуваат нискиот морал на вработените, лошата состојба на машините и алатите, сиромашната инфраструктура и проблемите со снабдување со енергентски горива. Странските инвеститори, пред се, ги интересира калкулацијата за неопходните средства за да се зголеми продуктивноста. Според мислењето на експертот на Светската банка, г-динот Jean-Francois Rischard „... земјите со одлична инфраструктура може да имаат корист од се повеќе поврзаната глобална економија. Ако земјата или компанијата не е 100% сигурна, работата ќе отиде некаде на друго место.“[9]

Интелект – основно средство за производство

Според упокоениот папа Јован Павле II: *Некогаш одлучувачки фактор на производството била земјата, а нешто покасно, тоа бил капиталот... Денес одлучувачки фактор е самиот човек, односно неговото знаење.*

Основното средство за производство е: мало, сиво и кај просечниот човек тежи 1,3 кгр. Тоа е мозокот.

Во модерните компании, помеѓу 70 и 80% од работата бара: ИНТЕЛЕКТ!

Мобилизацијата на новите сили не е едноставна. Ако кажете „внимание...“, луѓето нема да скокнат на нозе во истиот момент. Ниту пасивно ќе застанат во ред. Кога моќта е во нивните раце, застрашувањата не вредат. Доколку се преплашат, вие сте мртов човек бидејќи сте вработиле погрешни луѓе.

Луѓето се сé. Немојте да заборавите дека и Џек Велш од Џенерал Електрик лично ги интервјуирал сите кандидати за 500 позиции во компанијата, признавајќи дека тој работи само „избор на прави луѓе“. И бил Гејтс не штеди време најталентираните да ги привлече кај себе. Тука нема ништо ново – најдобрите лидери со децении, ако не и со векови, своето драгоцено време о трошат на селекција на нови кадри. Тоа го работел и крал Артур, И Козмо ди Медичи. И Џјук Елингтон. И Роналд Реган.[10]

[9] Financial Times: *Poor nations 'nees private investitors*, 4 April 1997, London.

[10] Riderstrale R. and Nordstrom, K.: *Funky Business*, BookHouse Publishing AB, Stokholm, 2002, pp.212.

Во ера на богаство, ниедна организацијам па ни нејзиниот лидер, не смеат да заспијат на ловориките. Иновацијата подразбира да се натпреварувате сами со себе. Клучна порака за развојните тимови во Силоконската долина е: „Остарете ги своите производи!“ На голем број компании не им се потребни нови менаџери туку пар стручни „деструктивци“ кои ќе ги убијат старите златни кокошки создавајќи нови.[11]

Ако не сте подготвени да се заложите за оваа цел на креативна деструкција, бидете сигурни дека вашата конкуренција ќе го направи тоа. Подобро да го завршиме нашиот ручек пред некој да ни го земе. Ова важи за сите компании, независно од нивната старост, големина, дејност или географско потекло.

Четирите тркала на Правилото „4И“

Ние имаме специфичен менталитет. Само кај нас вреат такви фолклорни херои како што е Итер Пејо, кој своите селани ги тера да скокнат во магла, практично во смрт и тоа треба да ни е смешно и да го величаме. Или, да ги натера пазарџиите да јадат сапун наместо сирење и тоа треба да не весели. Ние во мигот имаме таква, итерпејовска економија, во која многу лесно ги жрвуваме судбините на граѓаните, иднината на фирмите и сето тоа треба да наиде на аплауз.[12]

„Возилото кое би требало да нé однесе во посреќна иднина“ има четири тркала. Првото тркало се институциите на државата и нивниот начин на функционирање. Второто се интеграциите во глобалната светска економија. Имено, Македонија сама по себе не е атрактивен пазар, барем за големите играчи, а ние повеќе одиме кон дезинтеграции отколку кон интеграции во овој период.

[11] Peters, T., *The circle of innovation: You can't shrink your way to greatness*, Holder&Stoughton, London, 1997.

[12] Глобус: *Итарпејовска економија*, број 106, 28 април 2009, Скопје.

Слика 1. Четирите тркала на правилото „4И“



Третото тркало, пак, се инвестициите, кои Владата сака да ги донесе во земјава, но сметам дека употребата на различни аршини за домашните и за странските инвеститори не е добра. Значи ли најновата владина мерка дека домашните инвеститори треба да го изнесат својот капитал надвор и да се декларираат како странски инвеститори, па повторно да го вратат во земјава и така да ги искористат бенефициите што им се даваат на странските инвеститори? И четвртото тркало е интелектот, бидејќи без знаење и умеење, нема напредок. За жал, и покрај сите големи и најавени активности од Владата, имаме сé помасовен одлив на млади интелектуалци во странство, што значи дека ние инвестираме во странство. Додека нашата работна сила, пак, според пресметките на странските инвеститори, е прилично скапа.[13]

Без цврста политичка одлука и решителна волја, таквите чекори нема да значат ставање дефинитивна точка на практикуваниот „контролиран хаос на првобитната акумулација на капиталот на македонски начин“. Никој не

[13] Утрински весник: *За странска инвестиција 50 отсто бонус од Владата*, број 3081, 09 септември 2009, Скопје.

сака „блеферски држави“, со политики кои се занимливо штури, со политичари кои се нерешителни или безидејни да се вклучат во прашања што се без сомневање најважни за животот на нивните бирачи. Таквите економиии слободно може да се епитираат како „безнадежни“.

RULES "4I" VIS-À-VIS ECONOMY OF ITAR PEJO

Summary

What to choose? Do not apply the rule "4I" or continue "economy of Itar Pejo" is a false dilemma, with extremely long-term adverse effects. Vehicle should varieties. Macedonia to take in happier future has four wheels. The first wheel to state institutions and their way of functioning. The second is integration into the global world economy. The third wheel, meanwhile, investment, domestic and foreign. The fourth wheel is the intellect, because without the knowledge and skills, there is no progress.

Otherwise we remain in the grip of so-called effect of pharaoh Cheops based on populism in politics. Springs from the need to leave the "mark" behind for their historical size. The desire for immortality unproductive increases consumption of resources that are valuable and which are difficult to collect in the state budget.

***Key Words**: Rule „4I“; Institutions, Integration, Investment, Intellect; Effect of pharaoh Cheops*

Литература

1. Јовановски, Панче: *Јавни финансии, трето изменето издание*, ЕУРМ, Скопје, 2008.
2. Јовановски, Панче: *Принципи на економија*, ЕУРМ, Скопје, 2009.
3. Јовановски, Панче**:** *Странските директни инвестиции и Република Македонија*, Економски аспекти на управувањето со квалитетот : Зборник на трудови од Меѓународната конференција : Скопје, 15-16 ноември, Економски факултет, 2000, стр.73-81.
4. Јовановски, Панче: *Финансиски пазари и институции, трето изменето издание*, ЕУРМ, Скопје, 2009.
5. Peters, T., *The circle of innovation: You can't shrink your way to greatness*, Holder&Stoughton, London, 1997.

6. Riderstrale R. and Nordstrom, K.: *Funky Business*, BookHouse Publishing AB, Stokholm, 2002, pp.212.
7. Financial Times: *Poor nations 'nees private investitors*, 4 April 1997, London.
8. Financial Times: *US says Moscow must tackle crime*, 2 April 1997, London.
9. Kotler, Philip and Caslione. A. John (20*09), Chaotics: The Business of Managing and Marketing in the Age of Turbulence*, AMACOM, New York.
10. London Business School, *CISME Discussion Papers 10 Case Studies*, London, Feb., 1996
11. Глобус: *За државиот апетит даноците не стигнуваат за појадок*, број 129, 06 октомври 2009, Скопје.
12. Глобус: *Итарпејовска економија*, број 106, 28 април 2009, Скопје.
13. Утрински весник: *За странска инвестиција 50 отсто бонус од Владата*, број 3081, 09 септември 2009, Скопје.

658.8.012.12 : 338.124.2

Проф. д-р **Алекса СТАМЕНКОВСКИ**

МАРКЕТИНГОТ ВО РЕЦЕСИЈА

Апстракт

Кога се функционира во услови на рецесија, која може и да се продлабочи, мошне значајно е да се сфати дека пазарот постојано се менува, а се менува и другата околина во која работи определена фирма. За да се надминат потешкотиите кои ги предизвикува рецесијата, мора брзо да се одговори на промените во новата околина за да може да се опстои во работењето.

За време на рецесија, купувачите се повеќе ориентирани кон вредностите што ги добиваат од производите и услугите што ги купуваат, дистрибутерите се повеќе заинтересирани да добијат што поголем дел готови пари, а вработените во компаниите се загрижени за нивните работни места.

За работењето во услови на рецесија и за создавање услови за излез од неа клучен фактор е познавањето на купувачите. Треба да се знае што тие мислат и каде се наоѓаат и колку економските тешкотии ги погодуваат. Во такви услови треба да се креираат промотивни пораки кои што ќе ги информираат и привлекуваат.

Дури и во кризни времиња, добро позициопнираните фирми можат да преживеат и да ги надминат потешкотиите. Во такви состојби, со водење на активна маркетинг политика и реализација на маркетинг активностите во насока кон надминувањето на неповолните состојби, може ефикасно да се надминат проблемите.

Во време на рецесија клучно е да се има производ, кој е познат, е марка и како таков може да биде во функција на зголемување на продажбата и враќање на вложените средства.

***Клучни зборови**: маркетинг, рецесија, цени, производи, услуги, купувачи конкуренција, трошоци.*

Вовед

Рецесијата како појава која значи намалување на стопанските активности, намалување на бројиот на вработените, остварување на пониски заработувачки и неизвесност како да се продожи со процесот на работење, предизвикува преземање на поголем број активности со цел да се изнајде решение за надминување на настанатите проблеми во работењето. Секако во тие активнсти, една од главните функции во претпријатието која треба да понуди решение за излез од рецесијата е маркетингот. Зошто маркетингот? Затоа што тој директно е во контакт со купувачите и тој обезбедува тие да дојдат и да ги купуваат од компанијата.

Едно од клучните прашања кои се поставуваат за излез од рецесија, гледано од аспект на поединечните компании е прашањето: Што се сака да се постигне со примената на секој елемент од маркетингот? Дали со примената на маркетинг активностите ќе се сака да се постигне лојалност кон производот или фирмата од страна на купувачите или да се отстранат потешкотиите во процесот на обезбедувањето на влезните елементи за остварување на процесот на производството, потоа, дали марката на производот ќе придонесе да се оствари поголем профит и да се вратат вложените средства.

За време на постоење на економски тешкотии во работењето, сите компании бараат начини како да ги намалат нивните трошоци, при што најчесто се осврнуваат на трошоците за маркетинг кои се гледаат како неосновни трошоци бидејќи тешко може прецизно да се определи каде одат тие трошоци. Намалувањето на трошоците за маркетинг вуслови на рецесија е работа која е спротивна на она што треба да се прави за време на рецесија. На трошоците за маркетинг за време на криза треба да се гледа како на инвестиција, затоа што со вложувањето во маркетинг може да се дојде до решенија кои ќе овозможат да се надминат тешкотиите кои се јавуваат за време на рецесија.

За време на рецесија како клучно перашање се наметнува кој елемент од маркетингот да се настојува да се наметне, како да се обезбеди приврзаноста на купувачите кон производот или услугата на фирмата, како да се надминат пречките во процесот на купување, дали да се намалуваат трошоците на маркетингот, дали да се намалуваат цените на производите и услугите, дали да се вложува во ниови производи и слично.

За да се постигне успех во работењето за време во рецесија, неопходно е секоја компанија, односно сите нејзини вработени, а особено тие што ги вршат работите од областа на маркетингот, да се насочат кон конкуренцијата, кон производот, односно услугата, кон купувачите и кон комуникациите со потрошувачите и со околината.

1. Дефинирање на рецесијата

Според општата дефиниција за рецесија[1], една економија е во рецесија кога во два квартали едно по друго, во споредба со соодветните квартали од претходната година, економијата не бележи пораст, или пак, се бележи надолен тренд. Притоа, се мери вкупниот стопански учинок, т.н. бруто домашен производ и неговите промени. Според други, пак, поимот рецесија е многу потесен. Се вели дека не може да се зборува за рецесија само затоа што стапките на пораст во два квартали едно по друго се пониски отколку во соодветните каврталии од претходната година.

Според построгата дефиниција, едно стопанство е во рецесија доколку во два квартали едно по друго навистина е во пад, значи бележи минус во стапката на пораст.

Показател за рецесија се, на пример, и анкетите спроведени меѓу менаџерите и потрошувачите за тоа - како ја проценуваат актуелната состојба и иднината. Доколку проценките во две или повеќе анкети едно по друго се влошуваат, тогаш постојат силни индиции за пад на економијата.

Економските здруженија вршат постојано анкети меѓу фирмите кои се дел од здруженијата. Доколку во нивните извештаи постои усогласен став дека побарувачката се намалува, дека магацините се полни, дека инвестициите се одлагаат, прекумерните работни часови се намалуваат, се даваат наредби за скратено работно време или запираат со работа одрени делови на претпријатијата, тогаш исто така се имаат цврсти показатели дека станува збор за рецесија.

Има повеќе стратегии кои компаниите и државите можат да ги применат за излез од рецесијата, а не само една најдобра[2]. Секоја компанија треба сама да го изнајде својот пат за полесно да се справи со рецесијата. Рецесијата е одлична можност за компаниите, посебно за помалите компании, бидејќи во ваква ситуација со добра стратегија можат да излезат победници од кризата.

Вообичаено, прва жртва за време на рецесијас продажбата. Откако ќе опадне продажбата, обично набрзо потоа опаѓа и профитот.

За сопствениците на претпријатијата е значајно во овие сериозни промени кои што се случуваат во последниов период, како да се користи маркетингот и како ќе бидепридонесот од неговата примена.

[1] Капитал, магазин за бизнис и политика, Октомври 2009
[2] Philip Kotler: Маркетинг во време на рецесија, предавање, Скопје, Септември 2009

2. Маркетинг активности за време на рецесија

За време на рецесија, секоја компанија треба да има развиено приоритетни маркетинг активности кои ќе се преземаат со цел да се изнајде решение од рецесијата.[3] Насоченоста треба да биде кон маркетинг миксот, односно кон конкуренцијата, кон марката на производот, кон цените, кон начините на привлекување на нови купувачи, методите за задржување на постојните купувачи и остварување поголема продажба преку нив. Исто така треба да се води сметка дека вложувањата во маркетинг активностите се профитабилни и да бидат лесно мерливи оние маркетинг активности кои укажуваат на успешност во работењето.

Успешно работење може да се постигне ако маркетинг активностите бидат насочени кон клучните фактори кои влијаат врз работењето. Маркетинг активностите треба да бидат насочени кон:

- конкуренцијата,
- производот - марката,
- купувачот и
- комуникациите.

За да се преземаат соодветните маркетинг постапки за време на рецесија, носителите на маркетинг активностите, заедно со останатите врботени во компанијата треба најнапред да направат СВОТ анализа, односно да ги оценат сопствените предности и недостатоци и можностите и заканите односно проблемите со кои ќе се соочат во процесот на избор на најдобро можно решение за излез од рецесијата. Анализата треба да даде одговор на следниве прашања:[4]

- Што е тоа што компанијата ја чини да биде единствена, односно уникатна?
- Кои предизвици можат да се претворат во можности?
- Каде се создава најголемиот дел од профитот?
- Каде се трошат средствата?
- Кои се купувачите со помош на кои се остварува најголемиот профит?
- Кои се движечките сили во пподрачјето на дејноста во која работи компанијата?

[3] Adrian Neal: Marketing in a Recession

[4] Jamie Klemcke**:** Five Steps to Marketing In a Recession, статија, 2009

- Како може да се искористат движечките сили за да се зголеми позицијата на компанијата?

Функционирањето на претпријатијата за време на рецесија подразбира преземање на активности со кои ќе се обезбеди:

1. Зголемување на контактите и комуникациите со купувачите,
2. Барање на нови пазари,
3. Засилување на моралот на вработените,
4. Поттикнување на успесите во работењето,
5. Истражување на купувачите,
6. Одржување на нивото на трошоците за маркетинг,
7. Проширување на асортиманот на производите,
8. Поддржување на дистрибутерите,
9. Спроведување соодветна тактика на цени

Успешното пазарно работење се остварува кога се има купувачи. Во услови на рецесија треба да се настојува купувачите да се привлечат, да се задржат и да се градат односи со нив. Треба јасно да им се стави до знаење деака компанијата работи за да им помогне и тие полесно да се справат со проблемите кои ги предизвикува рецесијата.

Надминувањето на проблемите или потешкотиите во работењето кои се јавуваат за време на рецесија, бара компаниите да ги зголемат напорите за откривање на нови пазари со унапредување на продажбата, барање нови канали на продажба, искористување на можностите што стојат на располагање преку WEB страниците, определување нови целни пазарни подрачја, воведување нови дејности, засилена продажна промоција, прибирање директни информации од купувачите по пат на дискусии со нив, интернет истражувања.

Успешното справување со проблемите кои можат да настанат од работењето во услови на рецесија, подразбира обрнување посебно внимание на вработените, наглсување на ивното значење за фирмата и придонесот што го даваат за да се оствари успешно работење.

Надминивањето на потешкотиите во работењето во услови на рецесија бара преземање на поттикнување на иновации кои можат брзо да се спроведат и да обезбедат намалување на трошоците на рабоењето, подобрување на работната околина, зголемување на довербата на купувачите.

За време на рецесија, неопходно е да се имаат многу повеќе информации за купувачите од било кога, да се знае како тие ги оценуваат производите и како одговараат на рецесијата, како реагираат на цените. Во услови на рецесија, купувачите по правило повеќе време трошат за да дојдат до информации за производите од потраен карактер, за нив тие се распрашуваат, разговараат и преговараат за нивната цена.

За време на рецесија треба да се одржи нивото на трошоците за маркетинг, тие да не се намалуваат, да се спроведуваат промотивните активности со цел да се пренесат информации до купувачите, да се привлечат и да се зголеми нивниот број.

Надминувањето на проблемите во работењето за време на рецесија бара претпријатијата да преземаат активности за зголемување на бројот на производите, проширување на бројот на производите во рамките на една производна линија, воведување на производи со повеќе опции, воведување производи со подобар квалитет, производи од позната марка, производи со подолг век на траење, побезбедни за користење и производи кои обезбедуваат поголемо ниво на задоволенност на купувачите.

Производителите, за да можат да бидат успешни во продажбата на своите производи, за време на рецесија, треба активно да соработуваат и да ги поддржуваат дистрибутерите, да им одобруваат дополнителни попусти, количински рабати, да ги поттикнуваат да купуваат поголеми количини, да ги унапредуваат односите со нив, да ја поттикнуваат продажбата.

За време на рецесија купувачите поголемо внимание обрнуваат на цените на производите поради што продавачите треба да водат сметка каква тактика на цени ќе спроведуваат, дали ќе ги налуваат цените или ќе одобруваат количински попусти, ќе ги продаваат производите со плаќање на повеќе рати, ќе нудат производи во помали пакувања и слично.

Работењето во услови на криза треба да биде насочено кон вложување напори со намалување на трошоцитее на работење и со воведување на иновации да се одржи уделот на пазарот.

2.1. Насоченост на маркетинг активностите кон конкуренцијата

Познавањето на конкуренцијата е едно од клучните прашањата за кои маркетинг активностите треба да обезбедат информации за тоа каков конкурентскиот пулс. Информациите можат да се обезбедуваат со користење на разни годишни извештаи, студии, податоци од медиумите, показатели од разговори направени од продажниот и другиот персонал на фирмата,

Интернет, WEB, повратни информации од купувачите и потрошувачите.[5] Треба да се открие кои компании се финансиски помоќни и имаат добри позиции на пазарот, кои се нивните стратегии за излез од рецесијата, кои производи им се со полоши карактеристики и не можат да носат добивка.

Што побрзо бидат разбрани потребите на купувачите, со помош на маркетинг истражувањето или со директни и повратни комуникации со купувачите, можно е полесно да се зголеми уделот на пазарот. За да се биде подобар од конкуренцијата треба што е можно побрзо да се одговори на барањата на купувачите. Во услови на рецесија купувачите може да бараат трошковно поефтини решенија, пофлексибилни ценовни опции па затоа мора да се проучува пазарот и конкуренцијата.

За да се биде поуспешен од конкуренцијата треба да се предвидат нејзините акции. Рецесијата поминува. Но додека трае треба да се предвиди што конкуренцијата може да направи и што може соодветно да испланира. Односите со купувачите и партнерите, кои постојат во добри и лоши стопански времиња, стануваат критични за време на рецесијата, особено кога некои од производите не се купуват во мера како тоа што било пред појавување на рецесијата. Кога се намалуваат трошоците, треба да се создаваат конкурентски предности и да се предвидат можните одговори на конкуренцијата во разни ситуации.

2.2. Насоченост на маркетинг активностите кон производот – марка

Кога се работи за производи, кои станале марка, и се продаваат по повисоки цени, може да се смета дека во услови на рецесија можат да ги одржат цените и да креираат перцепција на вредност и квалитет. За производите марки со пониски цени треба поагресивно да се истакнуваат цените. Треба да се знае дека во услови на рецесија, добро позиционираните производи, создаваат пари и подобар живот.

Компанијата треба да се концентрира на производството на главните марки на производи, бидејќи во услови на рецесија не е добро да се трошат ресурсите за создавање повеќе виодови производи и да се настојува тие да станат марка. Маркетинг напорите треба да бидат насочени кон кон марките на производите кои полесно можат да преживеат. Останатите производи, кои тоа нема да го можат треба да се напуштат. Познатите марки можат да одржуваат високи цени од причини што купувачите за тие производи имаат претстава дека поуспешно ги задоволиваат нивните потреби и затоа и како такви ги посакуваат. Маркетинг напорите треба да се насочат кон засилува-

[5] Milvard Braun: Marketing During recession - Survival taktiks, статија, 2008

ње на уверувањата дека производот марка поуспешно ќе ги задоволи потребите.

Иако цената на производот е повисока, повисоката цена нема да биде проблем да се плати од купувачите затоа што тие се уверени дека со тоа, со парите кои се даваат за купување на производот се добива вредноста која се сака. Поголем дел од купувачите се чувствуваат посигурни кога купуваат познат производ.

Кога станува збор за цената на производот марка, треба да се биде внимателен дали да се намалуваат цениите си цел да се привлечат ценовно чувствителни купувачи. Доколку производот марка нуди рационални и емотивни предности за купувачите во споредба со таквите производи на конкуренцијата, тие додека трае рецесијата ќе го купуваат производот, но може да се дојде до состојба, по надминување на рецесијата да не може повторно да се зголеми цената. Честото промовирање на цената ги тера лојалните купувачи на марката производ да очекуваат да дојде до натамошно намалување на цената и тие поради тоа купувањето го прават само еднаш кога мораат тоа да го сторат.

Како резултат на притисокот за намалување на трошоците, компаниите можат да се доведат во состојба да го намалат квалитетот на нивните производи и услуги. Намалувањето на квалитетот на производите и услугите, може да биде и незабележано од купувачите, но може да биде искористено од конкурентите, кои со тоа можат за себе да си создадат конкурентски производи.

Во услови на рецесија, мошне важно е и вработените кои работат на производството на производите марка да бидат уверени дека нивната работа е сигурна и дека со работењето даваат придонес во надминувањето на потешкотиите кои ги носи со себе рецесијата.

2.3. Насоченост на маркетинг активностите кон купувачите

Во услови на рецесија стануваат брзи промени на пазарот и тие и натаму продолжуваат да се случуваат се додека трае рецесијата. Опстојувањето и успешното работење во такви услови во голема мера зависи од тоа како компанијата гледа на однесувањето на купувачите кога се наоѓаат под притисокот на рецесијата.

За успешно надминување на последиците од рецесијата, маркетинг активностите на компанијата треба да бидат насочени кон кон купувачите[6] кои се од голема вредност за фирмата, кои се лојални и се задоволни од

[6] Milvard Braun: Marketing During recession - Survival taktiks, статија, 2008

користењето на нејзините производи и услуги. Купувачите треба да се прават задоволни и да им се возврати за нивната лојалност, да им се даваат посебни понуди, информации за некои нови појави и состојби, да им се даваат совети како да купуваат и слично. Ова подразбира да се градат односи на постојано комуницирање. Потребите на купувачите треба да се задоволуваат на најдобар можен начин. Треба да се примаат повратни информации од нив, да се откриваат нивните потреби и да се настојува истите да бидат задоволени што е можно подобро и поефикасно. Треба да им се понуди нешто ново, нешто што ќе ги задоволи потребите на постојните и на потенцијалните купувачи.

Во рецесија[7] можат да се појават и нови пазарни сегменти и сегменти на пазарот кои нудат можности за поуспешно работење. Затоа треба да се мисли на пазарот и да се размислува за тоа за што повеќе че бидат заинтересирани купувачите.

Маркетинг напорите треба да бидат насочени кон избраните пазарни сегменти кои обезбедуваат фирмата со успех да настапува на пазарот и во услови на рецесија, односно со помош на кои фирмата ќе обезбеди остварување на профит. на пазарот може да се оствари поголем удел ако производот се насочи кон купувачите кои се ориентирани кон вредностите што ги добиваат од користењето или имањето на производот.

2.4. Насоченост на маркетинг активностите кон комуникациите со купувачите

Во услови на рецесија купувачите настојуваат да остварат максимална вредност за парите што ги даваат за производот. Истото го прави и компанијата. Сите мислат на трошоците и на ефикасното работење, односно услужување. За да се оствари процесот на комуницирање меѓу кпродавачите и купувачите комуницирањето мора да се остварува со помош на најефикасните медиуми, не мора да се користат скапи медиуми, на пример ако промоцијата преку телевизија е скапа, тогаш место преку телевизија таа може да се остварува преку радио, со печатени медиуми, преку Интернет, со надворешно огласување, емаил , директен маркетинг. Комуницирањето со купувачите преку медиумите треба да се остварува на подолг рок и со медиуми за кои се верува дека може да донесат ефекти за продавачот. Ефектите од комуницирањето со купувачите можат да бидат поголеми ако тоа се прави со комбинирање на неколки медиуми, на пример, емаил со радио и надворешни пропагандни средства.

[7] 40 Marketing Types for survive Recession, www.themarketingcrowd.ie

3. Маркетинг тактики за време на рецесија

За време на рецесија, од големо значење на претпријатијата е да изнајдат соодветен начин на продажба на производите и услугите и да ги привлечат купувачите. Тоа можат да го направат на начин на кој на купувачите ќе им овозможат да ги набават производите со што помали трошоци, со помалку губење време. Исто така претпријатијата за време на рецесија треба да го сфатат значењето на маркетингот, како една од клучните финкции и средство за надминување на потешкотиите во работењето за време на рецесијата.

За да се надмине рецесијата[8] мора да се сфати дека треба да се спроведува:

- маркетинг истражување со цел да се откријат нови купувачи,

- да се преземаат промотивни активности да се потсетат постојнит и да се привлечат нови купувачи.

Треба да се сфати дека вложувањата во маркетинг активностите претставуваат инвестиција, а не трошок. Маркетингот може да доведе до зголемување на обемот на продажбата, а со тоа и на вкупниот приход.

Маркетинг активностите за време на рецесијата треба да бидат поагресивни, но тоа не значи дека ќе треба да се трошат повеќе средства, туку напротив, треба да се изгради стратегиски пристап, да не се потрошат повеќе пари, а да се оствари поголем ефект.

Со маркетинг истражувањето треба да се обезбедат податоци за купувачите и за конкуренцијата. Со истражувањето треба да се дојде до одговор на прашањата:

- Што сакаат потенцијалните купувачи, што им е потребно, и каде купуваат?

- Од каде ги добиваат информациите за саканите производи и услуги?

- Како конкуренцијата ги открива своите купувачи?

- Што е тоа што конкуренцијата го прави подобро отколку фирмата?

Ефективниот маркетинг, не е секогаш сложен и скап деловен процес. Тој е креативен и насочен кон изнаоѓање начини како да се привлечат купувачите, а при тоа да не се потрошат многу средства. Тоа значи дека

[8] Jeff Smith: Beat the Recession with an Aggressive, Strategic Marketing Budget, 2008

луѓето што работат на работите од маркетингот, а и другите во компанијата треба да размислуваат како да комуницираат со купувачите, какви пораки ди нив да испраќаат и со помошш на кои медиуми и средства. Во основа пораките треба да бидат креирани за да:

- Ги истакнат вредностите и намалувањето на трошоците,

- Да објаснат што точно може да очекува од тоа што ќе го купи определениот производ или услуга,

- Да истакнат дека се даваат попусти,

- Да понудат лојалност.

4. Карактеристики на трошоците на маркетингот во рецесија

За време на рецесија, вообичаено сите компании настојуваат да ги намалат трошиците на работењето, а во тие рамки, некои од компаниите најнапред ги намалуваат трошоците на маркетингот. Намалувањето на трошоците на маркетингот не треба да се презема затоа што за да се успее во услови на рецесија секоја компанија мора што позасилено да ги остварува маркетинг активностите. Во случај на рецесија, многу повеќе од потребно е да се работи со интензивно спроведување на сите маркетинг активности. Спроведувањето на маркетинг активностите дава предност во однос на конкуренцијата ако таа, погрешно работејчи ги намали трошоците за своите маркетинг активности.

За време на рецесија компаниите не мора да трошат повеќе пари, но мораат да добијат во време и да ги задржат своите позиции на пазарот, при тоа остварувајќи позитивни резултати.Тоа можат да го направат со спроведување на т.н. SMART маркетинг кој се остварува како активности за креирање соодветни стратегии (Strategise), одржување и алоцирање на маркетинг буџетот (Maintain and allokate budget), истражување на купувачите (Research customers), определување целна група купувачи и одржување врски со нив (Target and conect customers).

Кога расположивите пари или буџетот на купувачите е помал или се намалува, тогаш тие купуваат она што им е најнеопхопдно и внимателно ги трошат парите, посебно внимание посветуваат на поранешните вредности, ја почитуваат реалноста, вредностите и сигурноста. Во вакви околности компаниите мора да направат соодветни стратегии со цел соодветно да одговорат на однесувањето и барањата на купувачите. Маркетинг активностите треба да бидат во функција на задоволување на барањата на купувачите кои во услови на криза може мошне често да се менуваат.

Маркетинг трошоците треба да се остават, барем, на исто ниво со цел со маркетинг активностите да се создадат можност за градење доверба со купувачите за производите на фирмата и да се охрабрат да ја засилат лојалноста, што зарезултат може да има зголемување на уделот на пазарот ако конкурентите ги намалат своите трошоци за маркетинг.

Рецесијата во определен момент може да претставува единствена можност за добро работење на тие кои имаат развиено соодветни стратегии и кои водат активна и агресивна маркетинг кампања, ако конкурентитите тоа не го прават. Во услови кога економијата оди надолу, успешни ќе бидат оние фирми кои ќе освојат поголем дел од пазарот.

Трошоците за маркетинг треба да бидат направени за реализација на целните стратегии кои можат да бидат измерени и да придонесат за подобрување на ефикасноста во остварувањето на активностите. Треба да се направи избор на промотивните средства заради пренесување на информации до купувачите кои ќе бидат нај ефикасни, на пример, давање огласи за обезбедување попуст од 10%, користење на WEB страницата, испраќање на емаил писма.

Со ваквиот начин на промоција може да се одржуваат контактите со купувачите, да се направат минимални трошоци за обезбедување промотивни материјали и полесно да се измерат резултатите.

За успешно надминување на потешкотиите што може да ги предизвика рецесијата, неопходно е да се познаваат своите купувачи, да се знае како тие се однесуваат во кризни состојби. Ова е неопходно за да може да се водат маркетинг активностите на многу поефикасен начин. Целната маркетинг кампања е многутрошковно поефективна отколку масовната промоција. Купувачите ќе одговорат многу попозитивно ако директно комуницираат со персоналот на фирмата затоа што на тој начин и тие ќе потрошат помалку време да истражуваат за да пронајдат што е тоа што им треба за да ја задоволат својата потреба. Пораките треба да бидат така креирани и испратени до купувачите што да можат да ги предизвикаат на акција купувачите кои ќе бидат ефикасни и лојални на фирмата и нејзините производи.

Располагањето со маркетинг план за остварување на активностите за време на криза, создава можност за следење и контрола на остварувањето на промотивните маркетинг тактики. Компанијата мора да биде сигурна дека со своите маркетинг активности за време на рецесија ќе го предизвика интересот на постојните и на идните купувачи. За тоа е неопходно да се спроведуваат соодветни маркетинг активности, комуникациите со купувачите да бидат зачестени а пораките да остануват запамтени подолго.

Маркетинг планот треба да ги искаже активностите кои ќе се остваруваат со цел да се задржат постојните купувачи и да се привлечат оние кои

ги знаат вредностите на компаанијата. Со купувачите треба да се води дијалог, да се открие што сакаат. Тие за време на рецесијата можеби нема да потрошат многу пари, но тие со својата лојалност ќе покажат разбирање за она што им се дава во услови на пад на економските текови. Купувачите треба да бидат вклуќени во маркетинг напорите на фирмата и треба да се потсетуваат на целокупноста на она што им се нуди. треба да се потсетат дека фирмата се промовира со своите производи, со својата визија, единственост, отвореност и со подготвеноста да обезбедидобри производи и услуги. позиционирањето треба да се остварува со насоченост на активностите за создавање на слика за квалитет и стабилност. Купувачите за време на рецесија се ориентираат кон сигурни компании и помалку сакаат да преземаат ризик.

Заклучок

За време на рецесија компаниите треба да изградат и нов пристап во спроведувањето на маркетинг активностите, да развиваат нови идеи и размислувања како да се освојат купувачите, а тоа значи треба да се биде отворен со идеите со кои ќе се максимизира изложеноста на фирмата кон купувачите.

Треба да се настојува да се прошири мрежата преку која се остваруваат врските со купувачите. Може да се повикаат купувачите да се поврзат со компанијата, преку интернет, да направи поврзување со некои маркетинг или други релевантни групи, да се одговара на прашања на форуми, да се истакнат експертските способности на луѓето на фирмата во дејноста во која таа дејствува.

Може да се истакне дека треба да се испраќаат бројни информации до купувачите со цел да се предизвика вниманието, да се биде креативен и исполнителен. За тоа да се прави неопходно е да се подготви соодветен план и истиот да се реализира. Фирмите треба да бидат подготвени за вложување на поголеми напори за да ги остварат целите. И за време на криза се работи, односно се остварува бизнис, компаниите остваруваат маркетинг активности, се промовираат, а купувачите и понатаму купуваат. треба да се емитува позитивна енергија за да се оствара позитивни резултати.

За време на рецесија купувачите и тие што ги спроведуваат маркетинг активностите, настојуваат да направат нешто најдобро во лоша ситуација. Не кај секој производ марка можат да се намалат трошоците, на кај тие производи кај кои тоа е направено, може да се предизвика да дојде до намалување на предностите ког ќе помине рецесијата. Со маркетинг активностите се настојува да се добие што е можно повеќе за секоја сума на пари која е

потрошена за поддршка и промоција на производот, особено кога се очекува да се остварат добри односи со купувачите.

За време на рецесија кога купувачите се повеќе се ориентирани кон вредностите, а вработените се загрижени за своите работни места, не е време да се намалуваат трошоците за маркетинг. Наместо да се намалуваат трошоците за маркетинг, компаниите мора да знаат дека е неопходно, повеќе од било кога да се знае како купувачите ја сфаќаат и како реагираат на рецесијата.

Литература

1. Adrian Neal: Marketing in a Recession
2. Freddy J. Nager, Founder & Fusion Director: *Marketing During a Recession, 2008*
3. John Quelch: Marketing Your Way Through a Recession, 2008
4. Jamie Klemcke**:** Five Steps to Marketing In a Recession, статија, 2009
5. Jeff Smith: Beat the Recession with an Aggressive, Strategic Marketing Budget, 2008
6. John Quelch: Marketing Your Way Through a Recession, 2008
7. Freddy J. Nager, Founder & Fusion Director: Marketing During a Recession*, 2008*
8. Linda Whitehead: How To Survive A Recession Using Marketing, 2008
9. Laura Lake: Should You Cut Your Marketing Budget During a Recession?, 2009
10. Milvard Braun: Marketing During recession - Survival taktiks, статија, 20082.
11. 40 Marketing Types for survive Recession, www.themarketingcrowd.ie

658.626 : 658.89.012.12

Доц. д-р **Далиборка БЛАЖЕСКА**

ПРЕДНОСТИ И ПРОПУСТИ ВО УПРАВУВАЊЕТО СО МАРКИТЕ

Апстракт

Денешното управување со марките се јавува како резултат на глобализациските процеси. Тоа значи дека претпријатијата мораат интензивно да ги следат потребите и очекувањата на потенцијалните клиенти, да реагираат на техничкиот и технолошкиот прогрес, и постојано да располагаат со доволна количина на производи за да можат да ги задоволат потребите на потрошувачите при повторно купување. За управувањето со марките треба да се знае дека е сложена и долготрајна работа која е доверена на највисоките управувачки структури на претпријатието.

Клучни зборови: *марка, потрошувачи, управување со марките, идентитет на марката, позиционирање.*

Кога станува збор за управување со марките постојат два вида управување: **класичен начин на управување** и **современо управување со марките**. Класичниот начин на управување со марките е едноставен и успешен кога се настапува на еден пазар. Процесите на глобализација, зголемувањето на конкуренцијата и појавата на нови канали на дистрибуција и новиот начин на размислување и работење доведуваат до поголема сложеност во управувањето со марките.

Разликите помеѓу начините на управување се суштински, но заедничко за денешното управување со марките е што претпријатијата мораат интензивно да ги согледаат потребите и очекувањата на потенцијалните потрошувачи, да реагираат на техничко – технолошкиот прогрес, постојано да располагаат со доволно количество на производи со цел да се задоволат повторните купувања, да ги испорачуваат производите навремено и во согласност со нивните потреби и да даваат значење на марката како единствен производ. Тоа се претпоставки, но не и гаранција за долгорочен успех и управување со марките.

Претпоставки за градење на успешни марки се[1]:

- **да се изгради идентитет на марката,**
- **да се постигне препознатливост на марката барем ¾ од потрошувачите со потсетување да ја препознаат марката како и да се присетат на нејзините предности и недостатоци,**
- **да се влијае на чувствата на потрошувачите, поточно за да една марка биде успешна потребно е да постои поврзаност на потрошувачите со марките.**

Со процесите на глобализација, зголемувањето на конкуренцијата, новите каналите на дистрибуција и новите начини на размислување управувањето со марките станало значително сложено и важно за успехот на претпријатието.

За управувањето со марките одговорни се менаџерите на марките. Едно претпријатие ќе успее доколку не се ветува нешто што не може да се исполни. Значи, неуспехот на едно претпријатие е неисполнување на даденото ветување. На некои пазари марката е толку многу важна што визијата и мисијата на марката се претвора во визија и мисија на претпријатието. Визијата и мисијата на марката е основа за да се развие стратегија.


Основна предност на управувањето со марките е марките да не се доделуваат на производите и услугите туку обратно. Треба да се развие нова марка или да се унапреди постојната, а во текот на тој процес треба да им се доделат одредени производи (имајќи ги во предвид потребите, желбите и очекувањата на потрошувачите). Кога станува збор за марките и управувањето со марките треба да се знае дека тоа е преокупација на врвниот менаџмент и директно поврзано со мисијата, визијата, целите и стратешките определби на претпријатието.

Иако во голем број на случаи вистинскиот развој на марката бил заснован на чиста среќа или случајност, особено во првите денови на индустриските претпријатија, самото применета на знаењето за марката денес создава, а и ќе создава јаки пазарни лидери.

Kotler и Valdemar предлагаат пет чекори за изградување на марката: **планирање на марката, анализа на марката, стратегија на марката, изградување на марката и ревизија на марката.**

[1] Taylor D., The Brandgym, John Wiley & Sons, 2001., str38

Слика 1. Редослед во процесот на создавање на марка



Извор: Schneider J., The Development of the Mercedes – Benz Brand, 2005, str. 140

1. Планирање на марката

Треба да се знае дека големите промени на марката обично не се случуваат преку ноќ. Мора постепено да се воведуваат одредени процеси. За да се постигне континуитет мора да се интегрираат одредени процеси, чекори и процедури внатре во претпријатието:

Треба да се изгради клима за постојани промени што ќе му овозможува на раководството да одвои време за разгледување на стратегијата на марките. Исто така треба да се приберат информации за сите сигнали, можности и недостатоци во поглед на позиционирањето на марката, идентитетот на марката. Потоа се развиваат процедури за планирање на брз продор врз основа на темелна анализа на ситуацијата на марката, вклучувајќи ја големината на пазарот, развојниот потенцијал, дистрибутивните канали, пазарната динамика и трендовите, профил на купувачите, постојната и новата конкуренција и потенцијалот за профит. Тоа значи дека треба да се направат стандардни формулари за соопштување на плановите на марката и промените**,** а потоа да се воспостави имплементација. Овој план на имплементација опфаќа проширување на пласманот на производите и долгорочно управување со марката. Важно е дека во планирањето треба да се вклучат сите. Една од причините за пропаѓање на планот е што во него се вклучени само мал број на луѓе.

2. Анализа на марката

Изградувањето на марката не почнува со избор на сите различни елементи на марката кои треба да се дефинираат. Таа, навистина почнува со истражување на пазарот**.** Темелното истражување на пазарот е еден од најзначајните елементи во изградувањето на марката. Развивањето на идентитетот на марката


треба секогаш да биде поддржано со анализата на купувачите, анализа на конкурентите и само – анализа. Основните одлуки кои се однесуваат на стратешкото управување со марката треба секогаш да се засноваат на информации кои се однесуваат на претпријатието и окружувањето во кое тоа работи.

Интерното и екстерното истражување на пазарот е првиот чекор во правец на изградување на марката. Се поставува прашањето што е маркетинг истражување? Тоа не е собирање на голем број на податоци и графикони кои еднаш се презентираат и потоа се заборавааат во кабинетот. Доколку претпријатијата се занимаваат со истражување на пазарот, тогаш треба да бидат способни да ги анализираат и да ги проценат резултатите. Пред се истражувањето на пазарот ќе биде корисно доколку претпријатието на почеток ги постави вистинските прашања. При истражувањето на пазарот треба прво добро да се познава своето претпријатие, своите вработени и својата конкуренција.

Пред се градењето на марката почнува од разбирање на клучните атрибути на нашите производи и услуги како и разбирање на потребите на купувачите.

Првиот чекор во анализата на марката би требало да биде согледување на нашата позиција во однос на другите на пазарот. Следниот чекор е креирањето на силата на нашата марка низ дефинирање и развој на секоја категорија:

Слика 2. Креирање на силата на марката




Извор: Ellwood, I., Essentialn Rand Book, Over 100 Techniques to Increase Brand Value, London, Kogan Page, 2002, str.145

Силата на марката како што е покажано на сликата се состои од четири клучни елементи:

- доминантност на марката – влијанието или доминантноста која марката ја има над својата категорија или пазарот
- распространетост на марката – развојот на марката кое е постигнато во минатото или ќе се постигне во иднина
- покриеност на марката – ширината која марката ја постигнала
- лојалност на марката – степенот на посветеност која марката ја постигнала од своите купувачи. Се состои од блискост, интимност и лојалност на купувачите.

Поголемиот дел на инвестициите кои секоја година се трошат се однесуваат на креирање на силата на марката како инвестирање за запознавање на купувачите со марката. Значи силата на марката лежи во свеста на купувачот. Вредноста на марката е според тоа витален стратешки мост. Од минатото кон иднината и збир на вредности кои купувачите ги поврзуваат со производот или услугата. Вредностите на марката која се заснова на специфичните потреби на потрошувачите можат да се претстават на сликата:

Слика 3. Пирамида на вредностите на марката која се заснова на специфичните потреби на купувачите (CBBE модел)



Извор: *Kotler Philip, ValdemarFerc, B2B Brand Management, Haidelberg, 2006, str. 167*

Моделот укажува на тоа дека јаката марка ги вклучува купувачите во четири чекори[2]:

- **Свест за марката** – воспоставување на идентитет и свест за марката,
- **Воспоставување на точка за диференцијација** – да се креира значењето на марката преку јаки, посакувани и единствени асоцијации на марката,
- **Позитивни пријатни реакции** – предизвикување на позитивни пријатни реакции на марката,
- **Одржување врска со марката** – изградување на врска со купувачите која ја карактеризираат интензивна и активна лојалност.

Овие четири чекори, потоа вклучуваат воспоставување на шест елементи за изградување на марката: допадливото на марката, перформанси на марката, имиџ на марката, процена на купувачите, емоција на купувачите и звучност на марката. **Највреден елемент на марката е звучност**. Тој се јавува доколку се остварат останатите елементи. Кога постои звучност на марката тоа значи дека купувачите имаат висока лојалност кон марката.

Клучот за создавање на марка е поттикнување на длабоки емотивни реакции. Оваа реакција настанува врз основа на користите кои се добиваат при користењето на производите. Многу е важно саканата емоција да се поврзе со производот, а со тоа и со марката.

3. Стратегија на марката

Марката е најмоќен инструмент за комуникација со потрошувачите, но сепак мал број на организации ја креираат и ја користат. Таа е важен клуч за продажба на производите, како и за зголемување на вредностите на нашето претпријатие доколку континуирано ја градиме на пазарот.

Стратегијата на марката се гради врз основа на позиционирање на марката, мисијата на марката, вредноста на марката, ветувањето на марката и архитектура на марката. Првиот чекор оди во правец на точно разбирање на тоа што сакаат купувачите, зошто да го купат тоа точно од нас и што за нас мислат. Доколку сето тоа се овозможи да се вгради во нашата стратегија тогаш ние сме на прав пат. Осмислувањето на стратегијата се прави врз основа на претходно направената анализа. При утврдувањето на стратегијата треба прво да се определи што треба прво да се направи. Исто така треба да се знае дека топ менаџментот мора да го поддржува управувањето со мар-

[2] Kotler Ph., Ferc V., B2B Brand Management, Haidelberg, 2006, str. 45

ката – во спротивно не е можно марката да стигне до врвот. Во овој момент треба да се донесат одлуки за елементите на марката кои ќе се применат на новите и постојните производи или на самото претпријатие.

Стратегијата на марката се заснова на суштината на марката, нејзините вредности и асоцијации.

Една од важните одлуки што постојано треба да се има во вид е да се биде подобар или да се биде поразличен. Тоа значи дека ние постојано треба да се бориме со конкуренцијата. Позиционирањето на марката значи дека треба да се најде место кое одговара во свеста на потрошувачот со цел да се создадат сакани асоцијации. Најважно е да се знае кои се нашите купувачи и каде се наоѓаат. Позиционирањето следи после разјаснувањето и сегментацијата на пазарот, односно ние не можеме да позиционираме еден производ ако не знаеме кои се нашите целни купувачи.

Позиционирањето на марката треба да биде толку многу јасно и силно што ќе овозможи насочување на купувачите кон нашата марка. Тоа ќе доведе до идентификување на оптимално место на марката во однос на нејзината конкуренција во свеста на потрошувачот, и максимизирање на резултатите. Позиционирање на марката треба да даде одговор на прашањата[3]:

а. На кого ќе го понудите ова позиционирање?

б. На кого ќе го продавате својот производ?

в. Што тие сакаат и што им е потребно?

д. На што се заснова вашето позиционирање?

Крајна задача за позиционирањето на марката е да се креира најмоќна позиција која можеме да ја имаме и за која ќе бидеме врзани со цел да се насочи марката кон најпрофитабилните купувачи.

4. Создавање на марка

Марките не смеат така да се основаат. Тие мора со време да се градат и модифицираат[4]. Според CBBE градењето на марката вклучува четири логични чекори[5]. Нивната стратегија се заснова на цврста стратегија на марката и конзистентност на архитектурата на марката.

[3] Collins J., Good to Great, Why Some Companies Make the Leap and Other Don't, 2001 p.78
[4] Andrew P., Moukanas H., and Wise R., Brand Portfolio Economics – Harnessing a Group of Brand to Drive Profitabile Grwth, Mercer Management Consulting, Inc., 2002, str. 30
[5] Keller K., Building Customer – Based Equity, March 2001, str. 230

5. Контрола и ревизија на марката

Претпријатијата треба периодично да ги контролираат резултатите на своите индивидуални марки. Треба да се усогласат целите на контролата, а потоа да се пристапи кон прибирање на податоци, идентификување на учесници, закажување на интервјуа и организирање на состаноци за анализа на утврдените резултати. Таа анализа или ревизија на марката има за цел процена на добрите и лошите страни на одредена марка. Обично тоа се состои од интерен опис на марката и екстерно испитување на одредени фокусни групи, прашалници и други методи за истражување на купувачите и утврдување што за нив претставува марката и што би можела да им значи. Последниот чекор е интерпретирање на резултатите.

Треба да се спомене дека управувањето е сложена активност и многу зависи од способноста на претпријатието да ја препознае важноста на управувањето со марката како начин на постигнување на пазарен успех, како и да се воспостави континуиран програм за управување со марката.

Една од основните можности е да се создаде организациска клима која ќе го подржува управувањето на марките. Сите марки мораат да имаат свои менаџери, кои мораат да соработуваат, бидејќи тоа е неопходно за да се управува со марките и да се постигне успех во одреден период. Во организациската структура треба да бидат јасно распределени сите права и обврски на бренд менаџерите. Секој вработен треба да има одредена област за која треба да се грижи.

Треба да ни биде јасно дека сите во претпријатието не можат да ја сфатат важноста на управувањето со марките па затоа од тој аспект можеме да ги поделиме во неколку групи[6]:

- заговорници на марката и управување со марките,
- заинтересирани за марката и управување со марките, но не во подмолност предадени на идејата и користа од пристапот,
- незаинтересирани и невклучени во процесот на управување со марките,
- противници кои од одредени причини не веруваат во марката и активно работат против концептот на управување со марките.

Претпоставки за успешно управување со марките се[7]: идентификување на најважните потрошувачи во смисла на утврдување на целниот сегмент, концентрирање на оние работи кои се најважни за потрошувачите, одредува-

[6] Ind,2004., str.73
[7] Hogan, Almquist & Glunn, Branding to Business Markets, 2005, str.456

ње цели и постојано мерење на успешноста во задоволувањето на потрошувачите, како и истражување на она што очекуваат потрошувачите.

Марката е ефикасно средство за борба на пазарот. Тоа го имаат во вид менаџерите во претпријатијата кои се сопственици на силни марки. Во тие претпријатија маркетингот се гледа како работење кое претпоставува пазарен успех. Успешно управување со марките имаме доколку сите во претпријатието се насочени кон таа цел. Во претпријатијата кои успешно управуваат со марката организационата структура е приспособена така да со марката управуваат луѓе кои веруваат во вредностите на марката. Така маркетиншките стручни лица се одговорни за водењето на поодделни марки, додека управувањето со марките е доверено на директорот на маркетингот.

Во денешни пазарни услови на стопанисување неминовно е во претпријатијата да се воспостави континуиран програм за управување со марките. Програмот за изградување на марките и управување со марките подразбира изградување на идентитетот на марката како и одредување на позициите на марката.

При создавање на марката и при управување со марките на производите најважна улога има комуникацијата со пазарот. На прво место управувањето со марката значи комуницирање со вредностите на вашите марки со ваши луѓе. Пред се треба да се увериме дека нашите вработени ја разбираат вредноста на марката, а потоа стануваат амбасадори на нашето претпријатие и неговите производи. Само во овој случај може да очекуваме да се диференцира нашето претпријатие од конкурентите во очите на своите потрошувачи. Интерно, силната марка е особено значајна во сите деловни резултати. Причините за тоа се многу едноставни. Доколку марката е јасна и добро дефинирана, таа им обезбедува на вработените посебно место, ги мотивира и им дава одредена позиција во поглед на многу одлуки кои мораат да ги донесат на работното место.

Важно е дека менаџерот кој управува со марката, при создавањето на марката треба да ги има во вид информациите од пазарот кои се однесуваат на потрошувачите (интерните и екстерните), конкурентите и сите други субјекти на пазарот и тоа според редослед по кој се наведени. Откако ќе се приберат информации за субјектите, треба да се утврдат критериумите за сегментација на пазарот, да се одбере пазарен сегмент кој ќе биде цел и да се види кои сè марки постојат на тој пазар. Поточно треба сопствената марка да се смести меѓу сите други, а сето тоа добро ќе се направи доколку се направат пазарни истражувања за потребите, желбите, очекувањата и мотивациите. При воведувањето на новата марка, многу е битно да се знаат кои се конкурентските марки и саканата позиција на нашата марка. Покрај препознатливоста, диференцирањето и довербата, никогаш не смее да се заборави дека марката треба за резултат да има привлекување и задржување

на потрошувачите, што ќе се постигне со доброто управување со марките. Целта на марката е да ги задоволи потребите на потрошувачите, да биде во согласност со нивните очекувања и да има предности во споредба со другите марки кои ги задоволуваат нивните потреби.

Често марките се среќаваат со нелојална конкуренција која продава малку квалитетни производи по цена која е толку ниска што не се знае како се покриваат трошоците на производство, а тоа го прават за да ги тргнат од пазарот главните конкуренти кои произведуваат високо квалитетни производи. Иако голем број менаџери сметаат дека цената е најважен критериум за избор на некој производ од страна на потрошувачите, вистината е дека ниската цена нема да биде гаранција за успешност на марката на долг рок.

Марките за да бидат успешни треба да се врзани за мисијата и визијата, а од друга страна мораат да бидат флексибилни и да се приспособуваат на локалните услови на пазарот, потребите и очекувањата на потрошувачите на пазарот. Токму поради овој факт комуницирањето не треба да се ограничи само на неколку медиумски канали, напротив тоа треба да е сеопфатно со што ќе се овозможи поврзаност на клиентите со марките. Се разбира сето ова за да се оствари потребно е да се вложуваат многу ресурси (финансиски, организациски, човечки...).

Значи доколку сакаме да воспоставиме успешна марка не е доволно да се потпреме само на надворешниот маркетинг, прво што треба да направиме е на вработените да им го објасниме влијанието на марката, посебно ветувањето кое таа го дава и напорите вложени за создавање на марка. Важно е да се увидат внатрешните импликации и да се развијат интерни програми за едукација на соработниците за тоа што марката претставува, во кој правец претпријатието оди со својата марка и кои чекори треба да ги преземе за да стигне таму.

Вложувањата во комуникации се навистина секогаш големи, но менаџерите треба да бидат свесни на старото правило кое зборува за успех и според кое потребно е да се вложи многу денес за да не мора да се вложува многу повеќе утре.

Гледано од аспект на претпријатието и од аспект на потрошувачите марката им дава значење на производите. Таа треба да се сфати како шифра која треба да се декорира. Марката во основа дава сигурност, квалитет, дизајн, престиж, практичност, трајност, иновативност итн. Кога марката постигне препознатливост, а тоа е претпоставка за успешна марка, тогаш таа постанува гаранција за клиентите. Марките се стабилни со текот на времето, а потрошувачите се задоволни и лојални. Токму поради таа стабилност на марката, можно е производите да изумрат, пропаднат или да имаат одредени недостатоци, а марката да преживее и да добие нова шанса за опоравување.

Постојат голем број на препреки и пропусти во управувањето со марките. Во марката се вложуваат одредени средства и често не може да се одреди колку средствата можат да се вратат. Секако дека треба да се да се гледа вкупниот резултат, но голем број на претпријатија сакаат да ја согледаат поврзаноста на одредени вложувања со финансискиот резултат, а тоа поради сложеноста на процесот не е можно. Со марката се управува во текот на времето, па така и се вложува, а резултатите не мора веднаш да се евидентни туку тие да се согледаат во иднината. Пропусти на марката се следниве:

Пропусти во трајно исполнување на ветеното – секоја марка е одредено ветување на потрошувачите. Секое неисполнување на ветеното е погубно за успех и преживување на марката. Потребно е постојано да се задоволуваат потрошувачите. Често менаџерите за да привлечат поголем број на потрошувачи ветуваат повеќе, така да потрошувачите со тек на време се разочаруваат. Да се вети, а да не се исполни е најголемиот маркетинг пропуст. Основна причина за напуштање на марката е неисполнување на ветеното, и препорака за користење на друга марка која ја даваат некои наши пријатели на кои им веруваме.

Пропуст во давање на поддршката на марката – креирањето и управувањето со марка бара вложувања во текот на целиот период, така да преживувањето на сметка на старите успеси на марката без вложување не е можно. Голем пропуст има во оној момент кога после големите вложувања за лансирање на нова марка, во моментот кога марката ќе почне да го остварува успехот се смалуваат вложувањата.

Пропуст поради нестрпливост – вредноста на марката внимателно и стрпливо се изградува. Менаџерите треба да знаат дека вредноста на марката претпоставува потрошувачите да ја препознаваат по нејзината единственост и едноставност. Менаџерите сакаат да постигнат брз успех со изградба на единствени асоцијации во потрошувачите, а при тоа го забораваат фактот што тие потрошувачи треба да ја препознаат марката како и да ги препознаат основните предности на марката.

Пропуст на контролата на марката – оваа контрола на марката треба да биде направена со цел да не се дојде одредени пропусти на марката, кои можат да ги доведат во прашање стратешките цели на претпријатието. Стратегијата на марките треба да биде усогласена со стратегијата на претпријатието, односно да биде нејзин составен дел.

Пропуст во одржување на рамнотежа на стабилност, постојаност на марката и неопходност за нејзино приспособување - големите промени може да ја загрозат основната сржи на вредноста на марката така да новата марка ќе има помалку потрошувачи од старата. Од друга страна и

преголемиот отпор кон промените може да значи намалување на вредноста на марката.

Пропуст на сложеноста на концептот за изградба, мерење и управување со вредностите на марката - потребно е да се знае што е вредност на марката, како се мери, колку често е потребно да се менува и на кој начин се користат добиените информации.

Имајќи ги во вид претходните согледувања треба да знаеме управувањето со марките ќе биде се поактуелно, и при тоа управување се повеќе ќе доаѓа до израз професионализмот.

Заклучок

Динамичните услови во кои функционираат и нашите претпријатија ја наметнуваат потребата од управување со марките. Разликите помеѓу класичниот и современиот начин на управување со марките е основа за стратегијата на претпријатието и целокупниот маркетиншки план. За жал, претпријатијата не ја согледуваат важноста од управувањето со марките. Основната причина за несогледување на вредноста на концептот на управувањето со марките е нивното незнаење. Пред се, не се знае доволно за тоа што значи марката за претпријатието, како и кои се вредностите на концептот на управувањето со марките во денешни пазарни услови.

За да се отстрани сето тоа потребно е да се пристапи кон идентификација на најважните клиенти, насочување кон целниот сегмент, и утврдување на задоволството на тие клиенти. Во денешни пазарни услови треба да се пристапи кон континуиран програм за управување со марките. Управувањето со марките е сложен процес во кој можат да настанат бројни пропусти на кои исклучително треба да се обрне внимание. Само на тој начин ќе се овозможи успех при управувањето со марките и претпријатијата ќе се движат во саканата насока.

ADVANTAGES AND DISADVANTAGES OF BRAND MANAGEMENT

Summary

The dynamic mode of operating of most enterprises increases the need for brand management. The distinction between the usual and the modern ways of managing brands is the basis for the strategy as well as the entire marketing planning of an enterprise. Unfortunately, enterprises do not recognize the need for brand management. The first reason for this is the lack of appropriate knowledge and skills. In particular, there is insufficient knowledge on the importance of the brand for the enterprise and the values of brand management on the market today.

In order to solve this problem, one needs to start identifying the most important clients, focus on the target subject, and verify whether the client's needs have been met. Today's market demands a continuous brand management program. Brand management is a complex process, and therefore, a great deal of attention should be given to potential oversights and mistakes. This way only can one be successful in managing brands and pointing the enterprise in the preferred direction.

***Key words**: brand, consumers, brand management, brand identity, positioning*

Литература

1. Aaker, A.D., Building Strong Brands, Free Press, 1991
2. Aaker, A.D., Keller, K.L., Consumer evaluations of brand extensions, Journal of Marketing, 1990
3. Andrew P., Moukanas H., and Wise R., Brand Portfolio Economics – Harnessing a Group of Brand to Drive Profitabile Grwth, Mercer Management Consulting, 2002
4. De Chernatony, L., From Brand Vision to Brand Evaluation, Butterworth – Heinemann, 2002
5. De Chernatony, L., Mc Donald, M., Creating Powerful Brands, II ed., Butterworth – Heinemann, 2002
6. De Chernatony, L., Mc Donald, M., Creating Powerful Brands, III ed., Butterworth – Heinemann, 2005
7. Ellwood, I., The Essential Brand Book, Over 100 Techniques to Increase Brand Value, London, Kogan Page, 2002
8. Keller, L.K., Strategic Brand Management, Prentice Hall, 2003

9. Keller K., Building Customer – Based Equity, March 2001
10. Kotler at al, Principles of Marketing, Prentice Hall, European Edition, 2005
11. Kotler Ph., Valdemar F., B2B Brand Management, Haidelberg, 2006
12. Temporal, P., Advanced Brand Management, John Wiley & Sons, 2002
13. Taylor D., The Brandgym, John Wiley & Sons, 2001
14. The Roles of Brands, Privat, Labels and Discounters Today and Tomorrow, Planet Retal, 2004
15. Thomassen, L., Lincoln, K., Aconis, A. Retailization: Brand Survival in the Age of Retailer Power, Kogan, Page, 2006
16. Collins J., Good to Great, Why Some Companies Make the Leap and Other Don't, 2001
17. Schneider J., The Development of the Mercedes – Benz Brand, 2005
18. Hogan, Almquist & Glunn, Branding to Business Markets, 2005
19. http://jam.sagepub.com/cgi/alerts
20. http://jam.sagepub.com/subscriptions
21. http://www.sagepub /journalsReprints.nav
22. http://www.sagepub.com/journalsPermissions.nav

005.742 : 005.72] : 657.6

Доц. д-р **Павлина СТОЈАНОВА**

УЛОГАТА НА ОДБОРОТ ЗА РЕВИЗИЈА ВО РАМКИТЕ НА ДОБРОТО КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

Апстракт

Компаниите со добро корпоративно управување формираат посебен орган - одбор за ревизија, чиј делокруг на работа претставуваат три главни области: финансиското известување, управувањето со ризикот и интерната и екстерната ревизија. Одборот за ревизија треба да ја игра клучната улога во зголемувањето на сигурноста на финансиските извештаи објавени од страна на компанијата, согласно концептот за добро корпоративно упарвување. Примарните функции на одборот за ревизија најчесто се поврзуваат со подрачјето на интерни контроли и управувањето со ризиците, финансиското известување, примената на законските прописи и регулативи, како и со релевантните подрачја и прашањата поврзани со процесот на екстерна и интерна ревизија ревизија. Без оглед на тоа дали се работи за континентален систем на корпоративно управување за кој е карактеристичен двостепениот систем на управување (надзорен одбор и управен одбор), или за англосаксонскиот систем на корпоративно управување во кој постои единствен управувачки орган претставен преку одборот на директори, кој е составен од извршни и неизвршни директори, одборот за ревизија е еден од специјализираните пододбори на кој му се делегираат соодветни надзорни функции.

Клучни зборови: *корпоративно управување, одбор за ревизија, одговорности на одборот за ревизија, организација на одборот за ревизија, интерна ревизија, екстерна ревизија*

Вовед

Една од најзначајните карактеристики на компаниите со добро корпоративно управување е нивната посветеност да одржуваат висок степен на транспарентност што се демонстрира преку постојано известување за состојбите во компаниите. Во услови на глобализација на пазарите на стоки, услуги, работна сила и капитал, зголемена употреба на информациони технологии, се поголема комплексност на бизнис трансакциите, сметководствените системи, нагласената одговорност на менаџментот за целосно и точно

објавување на финансиската состојба и успешноста од работењето на претпријатието, како и се поголемиот интерес и грижа за етичкото однесување на претпријатијата, улогата на одборите за ревизија станува се поважна, а обемот на одговорностите и задачите кои ги извршуваат се пошироки. Во контекст на законската или регулаторна обврска на основање и делување на одборите за ревизија, наспроти нивното доброволно основање и делување, треба да се забележи дека практиката во различни земји значително се разликува. Во некои држави, одборите за ревизија се задолжителни за оние деловни субјекти кои котираат на берза, додека во други, одборите за ревизија се основаат и дејствуваат како економска нужност и потреба за делегирање на одговарачките надзорни функции. Покрај тоа, одборите за ревизија може да имаат различни одговорности, во зависност од локалната бизнис култура и специфичните околности на секоја компанија. Меѓутоа, кога се добро структурирани и кога имаат јасно доделени овластувања, одборите за ревизија можат да бидат од голема корист за менаџментот, акционерите и другите заинтересирани страни, како и за екстерните и интерните ревизори.

1. Концепт на добро корпоративно управување

Појдовна точка за дефинирањето на корпоративното управување и разгледување на неговата содржина можат да бидат различни карактеристики и нивоа на набљудување. Разликите помеѓу институционалните рамки на одделни земји, првенствено со англосаксонска и континентална правна и регулаторна рамка, генерираат значителни проблеми при дефинирање на некои од клучните категории во ова подрачје, а потоа и при спроведување на конкретни решенија во практиката. Исто така, на ова треба да се додадат и присутните културни разлики, разликите во развојот на одделни сегменти на пазарот, итн. Значи, во различни околности можно е да се применуваат различни пристапи за корпоративното управање. Според дефиницијата на ОЕЦД (Организација за економска соработка и развој - OECD) од 1999 година "корпоративното управување подразбира збир на односите помеѓу менаџментот, управата, акционерите и другите заинтересирани страни. Корпоративното управување, исто така, претставува структура во чии рамки се поставуваат целите на компанијата и се утврдуваат начините за постигнување на тие цели и следењето на успешноста на нејзиното работење. Доброто корпоративно управување треба да обезбеди соодветни стимуланси за управата и менаџментот, со цел да се постигнат целите кои се во интерес на компанијата и акционерите... "[1] Според дефиницијата на Институтот за интерни ревизори (IIA) процесот на корпоративното управување "вклучува постапки кои се користат од страна на

[1] Research Opportunities in Internal Auditing, The Institute of Internal Auditors Research Foundation, IIA, Altamonte Springs, Florida, 2003., str. 26

оние кои ги застапуваат интересите на засегнатите страни на организациите, особено на менаџментот, во обезбедувањето на надзор над управувањето со ризикот и процесот на контрола. Мониторингот на ризикот со кој се соочува организацијата и гаранцијата дека контролата на соодветен начин ги ублажува таквите ризици, директно придонесуваат за постигнување на целите на организацијата и одржувањето на нејзините вредности".[2]

Еден од клучните интерни механизми на корпоративното управување, по пат на кој акционерите влијаат на однесувањето на менаџерите, за да се осигурат дека тие управуваат со друштвата во нивен интерес, е постоењето на одборите за ревизија. "Постојат два начини на организација на управувањето во модерната корпорација: (1) воспоставување на одборот на директори (The Board of Directors) или (2) воспоставување на два одбор: надзорниот одбор (Supervisory Board) и управен одбор (Management Board). Англосаксонскиот модел на корпоративно управување, кој уште се нарекува и едностепен, се темели врз основа на еден одбор на директори. Одборот на директори, кои ги комбинира двете функции, управувачка и надзорна, е составен од извршни и неизвршни директори. Неизвршните директори не се вклучени во оперативното функционирање на друштвото и имаат само надзорни овластувања, додека извршните директори имаат само оперативни овластувања. Од друга страна, континенталниот модел на корпоративно управување, кој понекогаш се нарекува двостепен, се заснова на основање на два типа на одбори во управувачката структура на корпорацијата: (1) надзорен одбор, со членови кои немаат извршни позиции, кои ја преземаат улогата на надзор и мониторинг на работењето и (2) управен одбор кој ја презема улогата на управување и раководење со друштвото."[3] Надзорниот одбор е "орган карактеристичен за континенталните системи на корпоративно управување и заедно со управниот одбор го прават двостепениот систем на управување со друштвата. Функцијата на раководење и управување со претпријатието е делегирана на управниот одбор, додека надзорниот одбор ја превзема функцијата на контрола, надзор и следење на работењето на друштвото. Од друга страна, во англосаксонските системи на корпоративно управување збирната улога на управниот и надзорниот одбор се интегрира во единствен одборот на директори, со извршни директори (постојани вработени на управувачки функции) и неизвршни директори (членови на одборот без управувачки функции)."[4]

Во англосаксонскиот модел на корпоративно управување, одборот за ревизија претставува специјализиран пододбор во рамките на одборот на директори и составен е од независни членови на одборот на директори, до-

[2] Исто, оп. цит., стр.27

[3] Tipuric, D., Nadzorni odbor i korporativno upravljanje, Sinergija-nakladništvo, d.o.o, Zagreb, 2006, стр. 57

[4] Исто, оп. цит., стр. 119

дека во континенталниот модел на корпоративно управување со двостепена управувачка структура, надзорниот одбор го именува одборот за ревизија кој извршува одредени задачи на надзор и следење на работењето на друштвото.

2. Улогата и одговорностите на одборот за ревизија во англосаксонскиот модел на корпоративно управување

Со постепената промена на релевантната институционална рамка и правилата на пазарите на капитал, што претставува последица на бројните скандали и пропаста на некои од големите корпорации во светот (Enron, WorldCom и др.), се редефинираше и институционалната рамка на одборот за ревизија. Имено, традиционалната улога на одборот за ревизија беше врзана со надзор, следење и советување на менаџментот, како и на екстерните ревизори при спроведувањето на ревизијата на финансиските извештаи, вклучувајќи го и следењето на процесот на подготовка на финансиските извештаи, за што одговорност сноси менаџментот на друштвото.[5]

Во англосаксонскиот модел на корпоративно управување, во рамките на законскиот пропис кој се однесува на целокупната сметководствена реформа во претпријатијата од јавен интерес, вклучувајќи ја и заштитата на инвеститорите (The Public Company Accounting Reform and Investor Protection Act, 2002 год.), попознат како Serbanes-Oxley закон (Serbanes-Oxley Act) посебно се истакнати новите улоги и задачи на одборот за ревизија. Имено, според наведениот закон, одборот за ревизија како специјализиран пододбор во склоп на одборот за директори, има одговорност во подрачјето на именување на екстерниот ревизор, договарање на накнада за извршената ревизија со екстерниот ревизор, проверка на независноста и следење на работата на екстерниот ревизор. Сето ова ја вклучува и активната улога на одборот за ревизија во разрешувањето на евентуалните несогласувања и судир на интереси помеѓу менаџментот и екстерниот ревизор во поглед на прашањата кои се однесуваат на проблематиката на финансиското известување. Понатаму, Serbanes-Oxley законот бара сите ревизорски, но и неревизорски услуги кои ги пружа ревизорската фирма на клиентот кој има одбор за ревизија, да бидат однапред одобрени од страна на таквиот одбор. Исто така, во случај кога екстерниот ревизор на клиентот му пружа неревизорски, односно главно советнички услуги, истиот во таа деловна година не смее да врши услуги на ревизија на финансиски извештаи. Согласно одредбите на Serbanes-Oxley законот, ревизорската фирма треба периодично да го известува одборот за ревизија за:[6]

[5] Soltani B., Auditing – An international approach, Prentice Hall, London 2007, стр. 96
[6] Tušek B., Revizijski odbor u sustavu korporativnog upravljanja, Ekonomska istraživanja, Vol. 20, No. 2, Zagreb 2007, стр. 4

1. сите значајни сметководствени политики и постапките на нивна примена,
2. сите алтернативни постапки во врска со финансиските информации во рамките на општоприфатените сметководствени начела кои биле расправани со менаџментот, како и за сите последици од примената на таквите алтернативи, објавувањето и постапувањето, вклучувајќи ја и постапката која ја преферира ревизорот,
3. останатите облици на пишана комуникација помеѓу овластената ревизорска фирма и менаџментот за сите значајни прашања.

Заедно со Serbanes-Oxley законот, во САД постојат уште некои дополнителни барања кои се однесуваат на новата улога и задача на одборот за ревизија. На пример, правилата на *New York Stock Exchange* (NYSE) и NASDAQ стандардите на листање на берзата вклучуваат многу одредници кои се содржани во Serbanes-Oxley законот, но исто така содржат и некои додатни барања и одговорности на одборите за ревизија кои треба да се сместат во правилник за работа на одборот за ревизија во поедините претпријатија. Одборот за ревизија, според тие барања, треба да обезбедува подршка и помош на одборот за директори во надзорот на:[7]

- сеопфатноста на финансиските извештаи на претпријатието,
- усогласеност на работењето на претпријатието со законските прописи и останатата регулатива,
- стручноста и независноста на екстерниот ревизор,
- спроведувањето на интерната ревизија и
- подготовка на извештајот на одборот за ревизија кој се вклучува во годишниот извештај.

Во минимумот на обврски и одговорности на одборот за ревизија според правилата на Њујоршката берза спаѓаат и следните активности:[8]

- одредување на независен ревизор (со одобрение на акционерите, ако е возможно), со исклучиви овластувања за одобрување на сите надоместоци и услови за плаќање на ревизорот, вклучувајќи го и плаќањето на неревизорските услуги;
- најмалку еднаш годишно, да се прибави и прегледа ревизорскиот извештај за информациите кои на одборот за ревизија му се неопходни за проценка, односно вреднување на стручноста и компетентноста

[7] Исто, оп.цит., стр. 5
[8] Исто, оп.цит., стр. 6

на ревизорот, независноста на ревизорот и квалитетот на спроведената ревизија;

- разгледување на годишните ревидирани финансиски извештаи со менаџментот и со екстерниот ревизор;
- разгледување на заработките и другите финансиски информации кои ги подготвуваат аналитичарите или рејтинг агенции;
- разгледување на политиките, вклучувајќи и проценка на ризиците и управувањето со ризиците;
- одржување на состаноци, одвоено и периодично, со менаџментот, со интерните ревизори и со екстерниот ревизор;
- испитување и истражување на било каков проблем или потешкотија во врска со ревизијата, како и одговорите и реакциите на менаџментот, во соработка со екстерниот ревизор;
- прибавување на мислење и помош од надворешен правен, сметководствен или друг советник;
- известување на одборот на директори.

Во контекст на улогата на одборот за ревизија, неговите активности можат да се систематизираат и на следниот начин:

- одборот за ревизија мора да ги разгледува економските активности на организацијата, посебно трошоците,
- одборот за ревизија мора да го истражува процесот на ревизија на финансиски извештаи и процесот на интерна ревизија,
- одборот за ревизија мора да ги разгледува годишните извештаи и ревизорскиот извештај за финансиските извештаи кои се сотавен дел на годишниот извештај,
- одборот за ревизија мора да ја разгледува адекватноста на системот на интерни контроли,
- одборот за ревизија мора да биде вклучен во состаноците на екстерниот и интерниот ревизор.

Иако во САД значително внимание се посветува на односот на одборот за ревизија со екстерната ревизија, активноста на одборот за ревизија се повеќе се усмерува кон интерната ревизија. Институтот на интерни ревизори (IIA) нагласува дека одборот за ревизија треба:[9]

[9] Исто, оп.цит., стр. 6

- да помогне во координирањето на активностите на екстерната и интерната ревизија,
- на годишно ниво, да ја оценува работата на одделот за интерна ревизија, земајќи ги в предвид плановите и извештаите на интерната ревизија,
- да одобри правилник за интерна ревизија,
- да одржува состаноци со интерните ревизори за прашања кои се во нивна надлежност.

3. Улогата на одборите за ревизија во Европската унија

Во последните неколку години одборите за ревизија се забрзано се основаат и во европските корпорации. *Cadbury Report* во Велика Британија и *Vienot Report* во Франција содржат препораки во врска со формирањето и активностите на одборите за ревизија. Покрај тоа, во својата Зелена книга (*Green Paper*) со наслов "Улогата, положбата и одговорноста на статутарниот ревизор во Европската Унија", Европската комисија истакнува дека одборите за ревизија ги гледа како потенцијално моќно средство кое може да ја зајакне независноста на екстерните ревизори и аворитетот на ревизорите во односите со оперативниот менаџмент.

Потребата за основање и активностите на одборот за ревизија дефинирани се и во Осмата директива на Европската унија. Во членот 39 од оваа директива се наведува дека субјектите од јавен интерес треба да имаат одбор за ревизија составен од неизвршни членови на управувачкиот орган или од членови на надзорниот орган на субјектот кај кој се врши ревизија, со најмалку еден независен член кој треба да има познавања од областа на сметководството и/или ревизијата.[10] Одборот за ревизија, согласно членот 39 ги има следните овластувања:

- следење на постапката на финансиско известување,
- следење на ефикасноста на интерните контроли на претпријатието, на интерната ревизија таму каде тоа е применливо и на системите на управување со ризиците,
- надзор при вршењето на законската ревизија на годишните и консолидираните финансиски извештаи,

[10] Proposal for a Directive of the European Parliament and of the Council on statutory audit of annual accounts and consolidated accounts and amending Council Directives 78/660/EEC and 83/349/EEC, Commission of the European Communities, Brussels, 2004., стр. 30.

- вршење увид и надзор на независноста на овластените ревизори или ревизорски фирми и посебно на одредбите за додатните услуги на клиентот.

Според Осмата директива на ЕУ, овластениот ревизор или ревизорската фирма мораат да го известуваат одборот за ревизија за битните прашања кои се појавуваат при вршењето на законската ревизија, посебно за материјално заначајните слабости во интерните контроли врзани за процесот на финансиско известување, вклучувајки и пружање на помош на одборот за ревизија во исполнувањето на неговите задачи.

4. Организација, одговорности и задачи на одборот за ревизија

Еден од клучните фактори за квалитет во работата на одборот за ревизија е именувањето на квалификувани членови во тој одбор. Минималните квалификации на членовите на одборот за ревизија би требало да бидат наведени во правилникот на одборот за ревизија. Од членовите на одборот се очекува да имаат соодветно сметководствено образование, односно да можат да ги прочитат и разберат финансиските извештаи на друштвото. Иако тоа не е најважно, се смета за пожелно барем еден од членовите на одборот да има сметководствено и/или ревизорско знаење, односно да биде во состојба да поставува прашања за финансиските ризици, за интерните контроли, за процесот на ревизија, сметководствените политики и останати слични теми. Тие знаења и способности се проценуваат врз основа на темелното работно искуство на членот, професионалните квалификации за сметководство и/или ревизија (стекнати сертификати и сл.), или врз база на друго споредливо искуство. Секој именуван член на одборот за ревизија би требало да поседува: [11]

- интегритет,
- подготвеност времето и енергијата да ја посвети на претпријатието,
- познавање на работењето, производите и услугите на претпријатијата,
- познавање на ризикот и интерните контроли во претпријатието,
- испитувачко и независно расудување, како и
- способност за понуда на нови или различни гледишта и конструктивни предлози.

[11] Pricewaterhouse Coopers, Audit Committees – Good practices for meeting market expectations, 2nd edition, 2003., стр. 17

При избор на претседател на одборот за ревизија треба да се води сметка тоа да биде лице кое со изразени лидерски способности и способност за продуктивна комуникација со останатите членови на одборот, но и со менаџментот и екстерните и интерните ревизори.

Кога станува збор за големината на одборот за ревизија, некои истражувања покажуваат дека во водечките европски корпорации, дури 70% од одборите за ревизија имаат три или четири члена.[12] Во последно време, во САД и во Велика Британија се бара бројот на членовите во одборот за ревизија не биде помал од три и сите членови да бидат независни, неизвршни директори. Исто така, истражувањата покажуваат дека оптималниот број на членови во одборот за ревизија треба да се движи од три до шест члена. Сепак бројот на членови треба да биде одреден врз основа на потребите на самото претпријатие, како и врз основа на обемот на одговорностите на одборот за ревизија.

Во светската ревизорска литература и во бројните истражувања за степенот на развој и делување на одборите за ревизија во пракса, се истакнува дека застапеноста на независните директори во одборот мора да биде задоволувачка. Се поставува барање тие да бидат вистински независни од оперативното работење и управувањето со претпријатието. Во таа смисла развиени се некои рамки за оценка на независноста на членовите на одборот за ревизија, односно околности кои можат значајно да ја нарушат нивната независност. Во тој контекст вообичаено се согледува евентуалното сегашно или поранешно вработување на потенцијалниот член во претпријатието, примањето нанакнади од претпријатието, освен хонорарите исплатени врз основа на членството во самиот одбор, користење на кредити од претпријатието, можни семејни врски со менаџментот и извршните директори, учество во сопственоста како акционери, поврзаност со купувачите, добавувачите и останатите деловни партнери и слично.

Во поглед на мандатот на членовите на одборот за ревизија, односно периодот за кој тие се именувани, не постојат некои однапред утврдени правила. Светската пракса покажува дека при утврдувањето на периодот на траење на мандатот на членовите во одборот за ревизија, треба да ја земат в предвид потребата за континуитет во работата на одборот, како и потребата за трајно осигурување на нови идеи во работењето на одборот. Во таа смисла потребо е да се постигне рамнотежа помеѓу овие два услови, што значи дефинирање на пофлексибилни мандати за членовите на одборот за ревизија. Вообичаено мандатите траат од една до три години, со можност за втор мандат, но можни се и подолги или отворени мандати.

[12] Исто, оп.цит., стр. 18

Поради рационалноста и целеисходноста во работењето на одборот за ревизија потребно е редовно одржување на состаноци, како и внимателно планирање на дневниот ред и на учесниците на таквите состаноци на одборот. Бројот на состаноци кои ги одржува одборот за ревизија зависи од неговите цели и обемот на активностите. Одржувањето на редовни состаноци осигурува можност за правовремено испитување и расправање за релевантни финансиски и останати прашања. Состаноците на одборот за ревизија треба да кореспондираат со главните фази на финансиското известување, со фазите на ревизија на финансиските извештаи и интерната ревизија. Одборите за ревизија во европските корпорации во просек се состануваат три до четири пати годишно.[13]

Членовите на одборот за ревизија мораат да бидат на соодветен начин информирани и испитувачки ориентирани во исполнувањето на своите должности во поглед на надзорот во неколку подрачја и тоа:[14]

- интерни контроли и управување со ризиците,
- финансиско известување,
- примена на законските прописи и регулативи и
- процес на интерна и екстерна ревизија.

Одборот за ревизија има одговорност во надгледувањето на адекватноста и ефикасноста на интерните контролни постапкии и процедури како инструменти за управување со ризиците, што се постигнува преку анализирање на соодветните извештаи и одржување на состаноци и разговори со менаџментот, одделот за интерна ревизија и со екстерниот ревизор. Одборот за ревизија треба да биде запознаен со природата, обемот, временскиот распоред и со резултатите од одговарачките контролни тестови, кои ги спроведува интерниот и екстерниот ревизор, како и со извештаите за резултатите од тие тестови кои се доставуваат до менаџментот и реакциите на менаџментот на таквите извештаи. Посебно внимание, одборот за ревизија треба да посвети на запознавањето и разбирањето на контролниот систем на финансиското известување, односно на интерните сметководствени контроли со кои треба да се осигура точност, веродостојност, релевантност и сеопфатност на сметководствената евиденција и извештаи, како и физичка заштита на имотот на друштвото. Контролите во сметководствениот информациски систем влијаат на конзистентаната примена на усвоените сметководствени политики, а со тоа и на веродостојноста на објавените финансиски информации за работењето на друштвото.

[13] Исто, оп.цит.стр. 21
[14] Исто, оп.цит.стр. 21

Одборот за ревизија има посебно изразена одговорност во надзорот и прегледувањето на финансиските информации кои се објавуваат во финансиските извештаи, пред нивното презентирање и објавување во јавноста. Одборот за ревизија треба да ги испита годишните финансиски извештаи и да ја оцени нивната потполност. Треба да ја провери примената на усвоените сметководствени политики при составувањето на финансиските извештаи, посебно во делот на проценката, односно вреднувањето на билансните ставки. Членовите на одборот за ревизија мораат да ги разгледаат ризиците на финансискот известување, кои се посебно присутни во услови на чести промени на законските прописи и усвојување на нови, посебно од областа на сметководството, потоа чести флуктуации на вработените, воведување на нови производни и информациони технологии и сл. Значајните промени во резултатите од година во година, како и отстапувањето на остварените резултати од планираните, мораат посебно да бидат разгледани и објаснети. Посебно внимание одборот треба да посвети на сложените и/или невообичаени трансакции во текот на пресметковниот период, посебно во оние подрачја каде различните претпоставки и заклучоци можат да имаат значајно влијание врз финансиските извештаи. Такви подрачја се долгорочните резервирања, аквизициите, финансксите инструменти, вредносните усклaдувања, договорните обврски, судски спорови и слично. Со оглед на тоа дека наведените активности и одговорности на одборот за ревизија треба да бидат во функција на заштита на интересите на инвеститорите и другите заинтересирани страни, кои своите деловни одлуки ги донесуваат врз основа на објавените финанскси извештаи, одговорностите на одборот за ревизја во последно време се повеќе се прошируваат и на периодичното финансиско известување (полугодишно, квартално).

Одборот за ревизја е одговорен за вршењето на надзор над воспоставените интерни процеси и процедури за следење на примената на релевантните закони и прописи. За таа цел, одборот, информациите најчесто ги добива од менаџментот, правникот на друштвото, надворешниот правен советник и даночниот советник. Овие информации се потребни за за разбирање на процедурите со кои се осигурува примената на законите, како и за вреднување на можното влијание врз финансиските извештаи. Во ова подрачје на одговорност вклучено е и разгледувањето на ризикот од измама. Одборот за ревизија ги разгледува и активностите кои ги превземаат менаџерите а кои се однесуваат на воспоставувањето на процедури за предупредување на неетичко однесување. За да ги исполни своите одговорности и задачи, одборот за ревизија мора да воспостави комуникација со екстерните ревизори и со одделот на интерна ревизија.

5. Односите и комуникацијата на одборот за ревизија со менаџментот, екстерните и интерните ревизори

Одборот за ревизија преку постојано комуникација со менаџмнетот треба да обезбеди мноштво на информации, кои на членовите ќе им го осигураат разбирањето на работењето и активностите на самото друштво. Релевантните прашања за кои одборот за ревизија би требало редовно да добива информации вклучуваат:[15]

- менаџерска проценка на деловните ризици со кои се соочува претпријатието, како и планираниот одговор на таквите ризици, односно информации за стратегијата на управување со ризиците кои ги утврдил менаџментот,
- проблемите кои влијаат на дејноста во која се наоѓа друштвото,
- учиноците кои се рефлектираат на работењето на друштвото а кои се предизивикани од нови даночни прописи или други релевантни прописи,
- правното опкружување, вклучувајќи го статусот на било какви нерешени судски тужби или административни постапки, како и статусот на производот, обврските во врска со околината и осигураните средства за можни рекламации,
- управувањето со готовината, премостување на ризикот, трансакции во странска валута и употребата на нови финансиски инструменти,
- работење со странство, вклучувајќи локации и локални контроли над финансиското известување,
- човечки ресурси и компензациона политика, процедури за испитување на трошоците и олеснувањата на вработените, како и контрола на договорите со вработените,
- осигурување на директорите и повисоките извршители.

Со оглед на тоа дека на одборот за ревизија му се доделени одговорности и задачи во врска со надзорот во одредени подрачја, негова обврска е да поднесува соодветни извештаи до одборот на директори, односно до надзорниот одбор, за резултатите од своето работење.

Со оглед на тоа дека одборот за ревизија примарно е заинтересиран за веродостојноста на финансиското известување, а согледувајќи ги истовре-

[15] Pricewaterhouse Coopers, Audit Committees – Good practices for meeting market expectations, 2nd edition, 2003., стр. 44

мено и целите на ревизијата на финансиски извештаи која ја спроведува екстерниот ревизор, неопходно е воспоставување соработка и комуникација помеѓу одборот и екстерниот ревизор. Преку таа соработка и комуникација членовите на одборот можат редовно да добиваат ажурирани информации за случувањата кои влијаат на финансиското известување. Соработката помеѓу одборот за ревизија и екстерниот ревизор вообичаено ги опфаќа следните четири подрачја:

- карактеристики на услугите на ревизијата,
- ризик и контроли,
- финансиско известување,
- останати прашања во врска со управувањето.

Во контекст на карактеристиките на услугите на ревизијата која ја врши екстерниот ревизор кај клиентот, протребно е да бидат разгледани квалификациите на екстерниот ревизор, неговите ревизорски ресурси и капацитети (персонал, локација, техничка опременост) и познавањето на дејноста на клиентот. Неопходно е да се разгледа и планот на ревизијата, како и пристапот при спроведувањето на ревизијата на финансиски извештаи. Одборот за ревизија заедно со одборот на директори, односно надзорниот одбор, треба да биде вклучен во прашањата во врска со именувањето на ревизорот, договарањето на накнадите за услугата на ревизија на финансиски извештаи, останатите накнади кои на ревизорот му се исплаќаат за евентуалните неревизорски услуги, како и евентуалното отпуштање на ревизорот и прекин на договорот за ревизија. Посебно внимание треба да се обрне на стекнувањето на уверување за прифатливото ниво на независност и објективност на екстерниот ревизор. Одборот за ревизија треба да ги разгледа можните влијанија на ревизорската независност и објективност, односно да ги разгледа факторите кои можат да ја нарушат независноста и објективноста на ревизорот во поглед на изведувањето на ревизијата и на останатите неревизорски услуги, кои ги вршат кај клиентот.[16]

Одборот за ревизија треба да одржува посебни состаноци со екстерните ревизори, на кои ќе се расправа за деловните ризици со кои се соочува друштвото и за контролните постапки и процедури кои делуваат превентивно. Нагласокот во таквата комуникација треба да се стави на оние клучни ризици, кои се поврзани со евентуалните материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи. Оваа соработка ќе му осигура на одборот за ревизија доволно информации за согледувањето на ризиците кои бараат посебно внимание, за разбирање на реакциите и однесувањето на менаџмен-

[16]Исто, оп. цит., стр. 37

тот кон таквите ризици, како и пристапот на екстерниот ревизор во идентификувањето на ризиците.

Вообичаена пракса во светот е одборот за ревизија, менаџментот и екстерниот ревизор да се состануваат заради прегледување и испитување на финансиските извештаи и наодите од ревизијата на финансиските извештаи. Членовите на одборот за ревизија и екстерниот ревизор можат критички да разговараат за прифатливоста и квалитетот на сметководствените политики кои ги усвоил менаџментот, за нивната конзервативност или агресивност во контекст на целокупната деловна политика на друштвото.

Во рамките на вршењето на ревизија на финансиски извештаи, екстерниот ревизор формира одговарачки заклучоци и дава препораки на менаџментот за подобрување на деловните активности, посебно на интерните контролни постапки и процедурите во сметководствениот информационен систем. Одборот за ревизија треба да ги разгледа таквите оценки и сугестии на екстерниот ревизор, да бара од менаџментот одговарачки извештаи од менаџментот за таквите барања од екстерниот ревизор, како и да бара отчет од менаџментот за планот на акции кој го превзема во смисла на имплементација на тие решенија во пракса.

Заради исполнување на бројните задачи и одговорности, одборот за ревизија мора да одржува редовна комуникација со одделот за интерна ревизија. Одборот мора да биде запознаен и во потполност да ги разбира активностите на одделот за интерна ревизија и неговата внатрешна организациона структура. Информациите за тоа одборот ги добива од различни извори и тоа: документи за целите, овластувањата и одговорностите на интерната ревизија или од правилникот за одделот на интерна ревизија, сите видови извештаи кои ги изготвува одделот за интерна ревизија, посебно годишниот извештај за работата на одделот за интерна ревизија, привремените извештаи на интерната ревизија, конечните извештаи за резултатите од ревизорското испитување, извештаите за следење на остварените резултати и др. Одборот за ревизија при запознавањето и разбирањето на функциите на интерната ревизија мора да ги разгледа плановите и програмите на одделот за интерна ревизија, вклучувајќи ја и проценката на ризикот, како и информации за постоечките и идни ресурси на одделот за интерна ревизија. Што се однесува на квалификациите и способностите на одделот за интерна ревизија, одборот треба да утврди дали членовите на одделот за интерна ревизија, односно интерните ревизори, се адекватно едуцирани за работите кои ги извршуваат, дали имаат континуирана професионална едукација, дали се членови на професионални здруженија, ги следат ли промените во подрачјето на информационите технологии и слично. Запознавањето на функциите на интерната ревизија, претставува клучна претпоставка за идната мошне значајна задача на одборот за ревизија. Имено, од одборот се очекува да биде во состојба да вреднува, односно проценува дали менаџментот и друштвото во целост ги

искористуваат потенцијалите на одделот за интерна ревизија, дали на тој оддел му осигуруваат соодветна подршка и во колкава мера е ефикасна работата на одделот за интерна ревизија.

Заклучок

Доброто корпоративно управување придонесува за одржлив економски развој преку подобрување на перформансите на компаниите и на нивниот пристап кон надворешни извори на капитал. Тоа ја зголемува профитабилноста на компаниите и овозможува побрз раст. Еден од клучните интерни механизми на корпоративното управување, по пат на кој акционерите влијаат на однесувањето на менаџерите, за да се осигурат дека тие управуваат со друштвата во нивен интерес, е постоењето на одборите за ревизија. Одборот за ревизија е одговорен за надзор на процесот на известување на надворешните корисници, посебно заинтересираните за годишните финансиски извештаи, за надзор на ризикот и контролните постапки и процедури, како и за функциите на екстерната и интерната ревизија. Одборот за ревизија делува како независна проверка на менаџментот и како застапник на надворешните заинтересирани корисници во насока на осигурување дека финансиските извештаи вистинито ги презентираат економските активности на друштвото. Покрај јасно и прецизно дефинирање на одговорностите, овластувањата и задачите на одборот за ревизија, важна претпоставка за неговото работење е и одговарачкото именување на неговите членови, утврдувањето на неговата внатрешна организација, посебно прашањата за соработката и континуираната комуникација со менаџментот, екстерните и интерните ревизори. За разлика од пазарно развиените земји, во Република Македонија одбор за ревизија согласно закон се задолжени да формираат банките. Цел на формирањето на овој орган е да му помага на надзорниот одбор на банката во обезбедувањето целосен увид во квалитетот и интегритетот на сметководството, системите на интерната контрола и финансиските практики на банката. Со усогласувањето на домашното законодавство во ова подрачје со барањата на Европската унија, како и со истовремено зголемување на свеста на сите учесници во системот на корпоративното управување, може да се очекува дека практиката на формирање на одбори за ревизија ќе биде се поприсутна, барем за одредени категории на трговски друштва.

THE ROLE OF AUDIT COMMETTEE IN THE SCOPE OF GOOD CORPORATE GOVERNANCE

Summary

Companies with good corporate governance set up a separate body - the Audit committee, whose scope of work are three main areas: financial reporting, risk management and internal and external audit. Audit committee should play a key role in increasing tмhe reliability of financial statements released by the company, according to the concept of good corporate governance. Primary functions of the audit committee are most frequently related to the area of internal controls and risk management, financial reporting, compliance with legal regulations and the relevant fields and issues related to external and internal audit processes. In both the continental system of corporate governance, characterized by a two-tier management structure (Supervisory Board and Management Board), and the Anglo-American corporate governance system, where the roles of the Management Board and the Supervisory Board are integrated in a single Board of Directors with executive and non-executive directors, the audit committee is one of the specialized subcommittees to which relevant supervisory functions are delegated.

Key words: corporate governance**,** audit committee**,** audit committee responsibilities**,** organization of the audit committee, internal audit, external audit

Литература

1. Commission of the European Communities, Proposal for a Directive of the European Parliament and of the Council on statutory audit of annual accounts and consolidated accounts and amending Council Directives 78/660/EEC and 83/349/EEC, Brussels, 2004.
2. IIA, Research Opportunities in Internal Auditing, The Institute of Internal Auditors Research Foundation, Altamonte Springs, Florida, 2003.
3. Paape, L., Snoep, P., Scheffe, J., A Survey into the Relation Between Corporate Governance and the Internal Audit Funcition Across the European Union, Eurac Bv, Rotterdam, The Netherlands, August 2002.
4. Pricewaterhouse Coopers, Audit Committees – Good practices for meeting market expectations, 2nd edition, 2003.
5. Тикваровска Михајлова О., Латиф С., Семенкова З., Лазаревски И., Прирачник за корпоративно управување во македонските акционерски друштва, IFC, Скопје 2007.
6. Soltani B., Auditing – An international approach, Prentice Hall, London 2007.
7. Tipuric, D., Nadzorni odbor i korporativno upravljanje, Sinergija-nakladništvo, d.o.o, Zagreb, 2006.
8. Tušek B., Revizijski odbor u sustavu korporativnog upravljanja, Ekonomska istraživanja, Vol. 20, No. 2, Zagreb 2007.

658.8 : 004.738.5]:338.124.4

Доц. д-р **Савица ДИМИТРИЕСКА**

ПРИМЕНА НА НОВИ ПРОМОТИВНИ СТРАТЕГИИ ВО УСЛОВИ НА ЕКОНОМСКА И ФИНАНСИСКА КРИЗА

Апстракт

Овој труд има за цел да ги презентира промотивните стратегии кои компаниите можат да ги користат во услови на економска и финансиска криза. Кризите се дел од економското живеење и претставуваат фаза од нормалниот животен циклус на секое општество. Но, во услови на глобална, општа економска криза голем број компании не се снаоѓаат, банкротираат и пропаѓаат.

Во услови на криза се менува однесувањето и на потрошувачите и на компаниите. Потрошувачите не трошат, имаат понзиок животен стандард, осиромашуваат, се соочуваат со губење на работни места. Тие се ориентираат кон купување на основни производи, подолготрајни, поквалитетни и поефтини производи, но и познати брендови. Тие бараат вредност, а не луксуз!

Компаниите, исто така, настојуваат да ги намалат трошоците и да го задржат својот капитал. Погрешен чекор, според економистите, е што компаниите најпрво го скратуваат буџетот за маркетинг и за иновации. На овој начин тие го намалуваат својот пазарен удел и дозволуваат конкурентите да го преземат нивното место на пазарот.

Во услови на криза, компаниите не треба да го игнорираат маркетингот. Тие треба да ги промовираат своите производи и услуги, но на нов, поефикасен и поефтин начин. Наместо рекламирање преку традиционални, скапи медиуми за комуникација (телевизија, радио, списанија, весници, билборди), се сугерира користење на директен, веб-маркетинг. Преку користење на инструментите на директниот маркетинг и дигиталните медиуми (веб-страници, блогови, е-мејли, подказстинзи, вебинари, он-лајн социјални мрежни сајтови, форуми, њузгрупи) компаниите можат да заштедат и да понудат поефтини производи и услуги на пазарот. Истовремено, овие нови медиуми нудат можност за остварување на поблиски, поцврсти и подолгорочни односи со потрошувачите. Во криза, само компаниите кои нудат квалитетни и ефтини производи имаат можност за успех.

Клучни зборови: *директен маркетинг, традиционални медиуми за комуникација, дигитални медиуми, вебинар, подкастинг, блог, он-лајн социјални мрежни сајтови, веб-страница, промовирање од уста-в-уста, форуми, њузгрупи*

ЕКОНОМСКА КРИЗА - ДЕЛ ОД НОРМАЛЕН ЕКОНОМСКИ ЦИКЛУС

Наједноставно кажано, економска криза претставува постојан пад на економијата. Економистите ја дефинираат кризата (рецесијата) како секое континуирано успорување на економијата или негативен раст на економијата забележан во текот на три квартали последователно во една земја. Секогаш кога пазарот и неговите механизми затајуваат[1] за еден подолг временски период, се појавува криза. Секој подолготраен дизабаланс помеѓу понудата и побарувачката на стоки и услуги на пазарот доведува до криза. Без оглед дали станува збор за поголема понуда од побарувачка (повеќе се произведува отколку што се троши) или поголема побарувачка од понуда (има голем интерес за купување на производи или услуги на пазарот, но нема доволно производство), континуираната неусогласеност помеѓу овие две пазарни големини доведува до криза.

Последната финансиско-економска криза (2007-2009 година) започна со американскиот колапс на пазарот на хипотекарни кредити, како резултат на неусогласеноста помеѓу понудата и побарувачката за недвижнини. **Што се случи во САД?** Најпрво, градежните компании нудат објекти по ниска цена (понуда), за кои има побарувачка. Компаниите и банките остваруваат профит, кој е резултат на разликата помеѓу продажната цена и трошоците за градба на недвижнини. Кога се произведува повеќе и поефтино, при доволна побарувачка, се остварува голем профит. Компаниите ги нудат недвижнините по ниски цени, банките одобруваат кредити и заеми со нереално ниски каматни стапки и заложување хипотеки. Потрошувачите, поради ефтините заеми и кредити, се задолжуваат многу за да купат ефтини недвижнини. Тие се задолжуваат и трошат повеќе отколу што заработуваат или поседуваат вредност во друг свој имот. На пазарот, има понуда на недвижнини и уште поголема побарувачка за нив. Економската статистика регистрира побарувач-

[1] Котлер Филип, Каслион А. Џон, *Хаотика - Менаџирање и маркетинг во турбулентни времиња,* 2009, стр. 12 - Рамнотежата на пазарот, помеѓу понудата и побарувачката се регулира преку цената. При преголема понуда, производителите ја намалуваат својата цена. Продажбата ќе се зголеми и на тој начин се апсорбира големата понуда. Обратно, ако постои недостиг, производителите ќе ги зголемат своите цени до ниво што повторно ќе ги изедначи понудата и побарувачката. Така, настанува рамнотежа.

ка поголема за речиси 4 пати од понудата[2] на недвижнини, односно се бележи раст на понуда од 2-3% во однос на раст на побарувачката од 8-10%! Согласно пазарните механизми, при иста понуда и голема побарувачка, цените на недвижнините растат! Во моментот кога треба да се вратат заемите и кредитите и треба да се плати цената на недвижнините, потрошувачите се соочуваат со многу високи цени. Кредитите стануваат скапи, каматните стапки повисоки, а дадените хипотеки безвредни! Потрошувачите се задолжуваат за да ги вратат кредитите, а поголем дел од нив го откажуваат купувањето недвижнини. Сега ситуацијата станува обратна! На пазарот има понуда на скапи недвижнини, за кои нема побарувачка. Производството и профитот стануваат поголеми од потребите на граѓаните кои остануваат без пари и не можат да си дозволат купување по високи цени. Изградените станови и куќи остануваат празни за кои нема потрошувачи. Настанува криза! Сега има производство и понуда, но нема побарувачка!

Кога нема побарувачка на пазарот подолго време, нема интерес за понудените стоки или услуги, се намалува производството и инвестирањето, кое доведува до отпуштање работници и зголемување на невработеноста. Луѓето осиромашуваат, опаѓа нивниот стандард, се јавува општ недостиг на пари. Во криза, повеќе се штеди, а тоа доведува до уште поголемо намалување на побарувачката. Токму овој "магичен круг" на кризата се случува и денес!

Ситуацијата е уште покомплексна и сложена бидејќи кризата добива **глобален, светски, општ карактер,** односно ги зафаќа сите земји во светот. Кризата многу бргу од САД се пренесе во другите земји во светот, со што се потврди дека светот навистина функционира како глобално село. Во светот на глобализација, ниедна економија не е самостојна и изолирана и не може да функционира сама за себе. Сите економии, и оние најразвиените (САД, Канада, Германија, Франција, Велика Британија, Јапонија, Италија), како и оние најнеразвиените, зависат од глобалните трендови, ги потресуваат глобалните проблеми, па и осцилациите на пазарот на производи, услуги и пари. Во периодот после Втората светска војна, забележани се четири вакви кризи од глобален карактер, во 1990-1993, 1998, 2001-2002 и 2007-2009 година.

ЕКОНОМСКА КРИЗА - НЕ СТОПИРАЈТЕ ГО МАРКЕТИНГОТ!

Имајќи во предвид дека неусогласеноста помеѓу понудата и побарувачката на пазарот е главна причина за настанување на економска криза, излезот од неа мора да се бара во ефикасно дејствување и на страната на понудата и на страната на побарувачката се до нивното повторно усогласување.

[2] OECD, *Keeping markets open at times of Economic Crisis*, April 2009

Кризата предизвикува големи промени на страната на **побарувачката**. Потрошувачите во време на криза не трошат и повеќе штедат. Соочени со стравот од доаѓање на потешки времиња, губење на работните места, недостиг на пари, тие не се заинтересирани за големи набавки. Во главно се купуваат поефтини производи и познати марки. На пазарот има побарувачка само за основни, подолготрајни, ефтини и квалитетни производи (прехрамбени производи, облека и обувки, хигиенски производи), а се помалку се троши или се одложува купувањето на неосновни производи (автомобили, патувања, скапоцени предмети, накит, недвижнини, мебел, покрупни апарати за домаќинство и сл). Во услови на криза, потрошувачите се враќаат кон брендовите кои ги познаваат и на кои им веруваат. Според Котлер[3], потрошувачите почнуваат да штедат и на превоз и повеќе купуваат од снабдувачи што се поблиску до нивната работа или живеалиште. Луѓето се повеќе бараат вредност, а не луксуз![4]

На страната на **понудата** исто така кризата предизвикува промени. Компаниите ги намалуваат трошоците и прават напори да го зачуваат капиталот. Тие го намалуваат производството и купувањето на суровини, материјали, полупроизводи од снабдувачите бидејќи не сакаат да трупаат резерви кога се соочени со намалена побарувачка. Ги намалуваат капиталните инвестиции и значително го кратат буџетот за маркетинг, а го одложуваат и инвестирањето во развој на нови производи. Компаниите го намалуваат маркетингот дури и за производите и услугите кои се уште се бараат на пазарот![5] Кратењата на маркетингот и на средствата за развој на нови производи во услови на рецесија се смета дека е непримерна мерка, бидејќи на тој начин се намалува пазарниот удел на компанијата и иновацијата[6]. При намалувањето на маркетингот се остава простор конкуренцијата да ја истакне својата порака и да зграби поголем удел на пазарот. Во овој контекст, Левинсон забележува: "Во услови на криза полесно е да се маркетира поради помалата конкуренција! Компаниите кои им говорат на потрошувачите за понуда на вредност поминуваат многу добро за време на рецесија".

Компаниите мора да имаат во предвид дека маркетингот е "крвта која тече низ вените" на една успешна компанија.[7] Без маркетинг, без разлика колку и да се успешни производите или услугите на компаниите, бизнисот нема да успее. Ова секако важи и во време на криза.

---

[3] Котлер Филип и. Каслионе А. Џон, *Хаотика - Менаџирање и маркетинг во турбулентни времиња*, 2009, стр. 139

[4] Повеќе на http://www.globalchange.com

[5] Повеќе на http://www.globalchange.com

[6] Левинсон Џеј, *Герила Маркетинг*, интервју од 30 ноември 2008 година за весникот Бизнис

[7] Димитријадис Никос, *Маркетингот - црна дупка за која вреди да се ризикува*, цитат од Интервју за Бизнис (авторот е главен маркетиншки стратег за Егзекутив групата)

Но, маркетингот не е само комуникација, информација и промоција на компанијата и нејзините производи. Маркетинг е и квалитетен производ, соодветна цена, промотивни активности и дистрибуција. Во услови на економска криза мора да се делува на **сите елементи на маркетингот**.

Така, економистите[8] советуваат во услови на криза да се преиспита целокупната **производна линија** на компанијата, која вообичаено се состои од "победнички" и застарени производи. Компаниите треба да ги задржат оние производи кои се уште се продаваат и бараат на пазарот, но истовремено да инвестираат во поедноставни модели кои имаат ограничена функционалност. Таквите производи ќе ги привлечат потрошувачите кои во време на криза бараат поефтини производи. (пример: на потрошувачите да им се понудат компјутери кои вршат само обработка на текст, или да се понудат мобилни телефони кои исклучиво се користат за телефонирање, или само за размена на кратки пораки и сл). Компаниите можат да заштедат доколку користат и поефтина амбалажа за производите.

Кај понудата на **услуги**, наместо пакет-услуги (комбинација од основна и суплементарни услуги), компанијата може да направи разграничување помеѓу услугите кои се суштински за купување на производот и услугите кои се даваат заради задоволување на желбите на потрошувачите. Вторите, пожелно е да се отстранат од пакетот на услуги и да се направат достапни со дополнително купување. Во услови на криза мора да се оцени профитабилноста и нужноста на понудата на разни услуги, односно да се исклучат непотребните услуги што чинат повеќе отколку што вредат за купувачите.

Во однос на **цените**, при рецесија, компаниите се под силен притисок да ги намалат цените на своите производи, а посебно ако тоа веќе го прават конкурентите. Кризата е време кога компаниите треба да понудат "соголени" верзии на производите, односно да понудат производи по најниска можна цена. Ако еден печатач вообичаено се нуди со едногодишен бесплатен сервис, сега компанијата може истиот да го понуди поефтино, но само со 30 дена бесплатен сервис. Друга стратегија е да се понудат производи по фабричка цена, со попуст или рабат. Но, намалувањето на цените иако функционира, може да му нанесе голема штета на имиџот на производот или на самата компанија. Потрошувачите, ако подолго време забележуваат ниска цена на производот во однос на претходните периоди, ќе заклучат дека претходната

[8] Котлер Филип и Каслионе А. Џон, *Хаотика - Менаџирање и маркетинг во турбулентни времиња*, 2009, стр. 151

цена била измамничка, збунувачка или не го одразувала квалитетот на производот.

Намалувањето на цената на производите, компаниите можат да го постигнат со истовремено намалување на **дистрибутивните канали**. Компаниите, кои за продажба на своите производи и услуги користат најразлични посредници (трговци на големо, трговци на мало, дилери, застапници, агенти, препродавачи и сл.) треба да се ослободат само од оние кои се најмалку профитабилни и најнефреквентни. Во корист на компанијата е да ги задржи сите добри дистрибутери, па дури и да ги мотивира да ги форсираат производите на компанијата во нивната продажба.

Во однос на **промотивните активности**, компанијата многу би заштедила доколку се ослободи од класичното (традиционално) скапо рекламирање, кое не обезбедува ниту докази за неговата ефективност. Ако рекламите на компанијата не пренесуваат никакви нови информации суштински за позиционирање на клиентите во текот на рецесијата, тогаш тие треба да се укинат. Компаниите мора да ги преиспитаат трошоците за рекламирање преку весници, радио, рекламни таблоа, списанија, билборди, ТВ, како и трошоците за рекламирање на географски простори (застапеност по градови и региони) во кои марката на компанијата е послаба во однос на онаа на конкурентите. Таквите трошоци треба да се намалат и повеќе средствата да се насочат кон зголемување на уделот на компанијата на пазарите каде нејзината марка е силна. Реална потреба е да се пренесат дел од средствата за рекламирање на новите дигитални медиуми, кои се доста поефтини.

НОВИ ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ ВО УСЛОВИ НА ЕКОНОМСКА КРИЗА

Според Енрико Мадригано[9], компаниите во услови на криза, за да опстанат, мора да ги прераспределат трошоците за маркетинг! Најпрво, тие треба да го намалат рекламирањето кое е непрофитабилно и ризично. Во ова категорија спаѓа промоцијата преку класични, традиционални медиуми за комуникација (ТВ, радио, весници, списанија), чии ефекти и резултати не можат однапред да се предвидат и квантифицираат. Компаниите мора да бараат нови, поефтини и поефикасни начини за промоција на своите производи и услуги за да допрат до таргетираниот пазар. Економската криза ги тера компаниите да го **пренасочат буџетот за маркетинг** кон нов вид маркетинг (веб-маркетинг, директен или интерактивен маркетинг) кој дава

[9] Madrigano Enrico: *How the Economic crisis will impact Web Marketing and Seo business in USA and Europe?* ", Free press Release, March 4, 2009

предвидливи и мерливи резултати и чии бенефиции од таргетирање на пазарот и продажбата се појасни и повидливи.

Преку **директниот маркетинг** компаниите поефикасно можаат да допрат до целните потрошувачи и со нив да изградат поцврсти, поблиски и подолгорочни односи[10]. Директниот маркетинг има голем број **инструменти** за канализирање на пораките и понудите до потенцијалните потрошувачи. Во економската литература[11] се среќаваат: продажбата лице-в-лице, каталошки електронски маркетинг, телемаркетинг, телевизиски маркетинг со директен одговор, електронско тргување, комјутеризирано (киоск) купување. Преку наведените инструменти, компаниите мора да ги информираат, но и убедат потрошувачите дека нудат вредност, нудат квалитетни стоки и услуги по пониски цени.

Подолу се претставени неколку можности за користење на ефтин, директен маркетинг:

А). Наместо доставување на понуди и каталози преку конвенционална пошта, компанијата може да достави **каталози по електронска пошта или интернет.** Електронските каталози чинат поефтино (нема трошоци за печатење, дистрибуција), нудат можност за широка визуелна презентација на производите на компанијата и лесен начин на нарачување. Доколку користат е-каталози, фирмите мора да работат на прифаќање на **електронското плаќање** со кредитни картички. Колку што повеќе компаниите им олеснуваат на потрошувачите да ги купат производите (доставување информации, совети и консултации при купување на производите, олеснет начин на плаќање), толку повеќе луѓето ја ценат работата на компанијата. Потрошувачите повеќе сакаат да вршат електронско пребарување и самопослужување отколку да трошат време и труд барајќи по реални продавници.

Б). Компаниите можат да организираат **вебинар** (семинар на интернет) кој ќе им објаснува на клиентите како можат да заштедат пари за време на криза, односно кои производи се ефтини и како да ги порачуваат. Според Котлер, паметните компании им помагаат на своите потрошувачи "да пловат низ турбулентните води".

В) Компаниите можат да подготват и дистрибуираат еден или повеќе **поткастинзи** од 15 минути кои клиентите можат да ги симнат за да добијат помош при купување или ракување со нов производ.

Г). Фирмите треба да ги разгледаат новите начини на комуникација со потрошувачите, односно да користат **он-лајн социјални мрежни сајтови**

[10] Димитриеска Савица, *Маркетинг комуникации*, Европски универзитет-Скопје, 2009 година, стр. 237

[11] Јаќовски Бошко и Ристевска – Јовановска Снежана, *Основи на маркетинг*, Европски универзитет-Скопје, 2006, стр. 265

како фејсбук, твитер, мајспејс (Facebook, Twitter, Myspace) за да испратат суштински пораки до одредени клиенти[12]. Анализите покажуваат дека користењето на Twitter ја зголемува профитабилноста на компаниите за 80% за само 3 месеци користење.[13]!

Д) Компанијата може да води еден или повеќе **блогови**[14] кои обезбедуваат корисни информации за клиентите. Креирање и редовно пишување на блог, а посебно на Wordpress или на Blogger е доста препорачливо бидејќи тие обезбедуваат слободен софтвер, а можат да бидат поврзани со Twitter, со што уште повеќе се зголемува можноста за ефтино рекламирање.

Ѓ) **Веб-страната**[15] е значајно место за презентирање на компанијата која опфаќа широк аудиториум, далеку поголем од оној кој може да се адресира преку класичните медиуми за комуникација. Најзначајна карактеристика на веб-страната е што нејзиното воспоставување и оддржување чини многу ефтино, околу 95 долари годишно![16] Тоа е многу ниска вредност за спроведување на глобален маркетинг. Компанијата која одлучила да се промовира на овој начин мора:

- постојано да ја оддржува и ажурира веб-страницата, за да изгледа професионално, ажурно и модерно,
- веб-страницата треба да содржи главни адресни податоци за да можат потрошувачите лесно да воспостават контакт. Се препорачува веб-страницата да содржи и формулар за собирање податоци од потрошувачите, како на пример како тие дознале за веб-страницата, дали им се допаѓа страницата, какви предлози имаат за нејзино подобрување, дали сакаат да бидат дел од листата за доставување понуди и сл. На овој начин компанијата гради добри односи со потрошувачите и се сугерира редовен контакт со нив (праќање меил, роденденски честитки, флаери, промотивни каталози за да се потсетуваат редовно на производите и услугите на компанијата),

[12] Kotler Philip, *Marketing Management – Millenium Edition*, University of Poenix, 2002, Managing Direct, Prentice Hall Inc, USA, p.317
[13] Bourke Chris, *Business Marketing Tips to flourish in an Global Economic Crisis*, Devision Design Australia, 31 August 2009
[14] Cavanaugh Gail, *Marketing During the Economic Crisis*, Promoting your business, , January 2009
[15] Bourke Chris, *Business Marketing Tips to flourish in an Global Economic Crisis*, Devision Design Australia, 31 August 2009
[16] Bourke Chris, *Business Marketing Tips to flourish in an Global Economic Crisis*, Devision Design Australia, 31 August 2009

- компанијата мора да обезбеди нејзината веб-страница да се појавува помеѓу првите при електронско пребарување. Доколку компанијата не се појавува на првата страница на компании од областа при пребарување на Google, таа нема големи можности за успех.

Е). Користење на **е-мејл маркетинг алатки** што значи дека компанијата треба редовно да испраќа новини, списанија, интересни вести до потрошувачите. Многу потрошувачи кои сметаат дека новостите се интересни и актуелни ги препраќаат до своите пријатели со што базата на потенцијални потрошувачи бргу се зголемува. Денес, најдобра форма на рекламирање е **од уста в уста (word of mouth)**, односно потрошувачите најмногу им веруваат на своите пријатели и обични лица - корисници на производите, отколку на официјалните промотивни активности. Иновативните компании треба он-лајн да ги промовираат и канализираат позитивните мислења кои ги добиваат за нивните производи.

Ж). Брендирање - компанијата треба да осигури дека брендирањето и рекламирањето ги врши на професионален начин. Користењето на ефективно лого или бренд, како едноставен слоган можат да бидат моќно маркетиншко средство. За успешно лого потребна е многу мала инвестиција. Компанијата мора да има конзистентен бренд, односно логото мора да биде секогаш во иста боја, печатените материјали да се со стандарден квалитет, рекламирањето да се врши по препознатливи процедури и сл.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Кога е криза, компаниите за да опстанат треба да продолжат со своите маркетинг стратегии, но при тоа да користат осмислен нов, современ, поефикасен и поефтин начин на маркетирање.

Според Гаргум[17], секоја компанија треба да ги почитува следните 5 правила за да опстане во време на криза:

1. **Да се промени начинот на маркетирање на производите и услугите!**

Иако некои компании имаат навистина потреба да го скратат буџетот за маркетинг, останатите средства треба рационално да се искористат.

[17] Gargum Karim, I-paper on Internet: *Marketing and Economic Crisis,* 2009

2. Да се прецизира што треба да се скрати кај маркетингот!

Скапите телевизиски реклами, екстравагантни рекламни пораки во весници и списанија се пожелни за нормални времиња, но во услови на криза тој маркетинг се смета за залудно потрошени пари, посебно ако не се соопштува нешто ново со нив. Подобро решение за секоја компанија е да ги потроши буџетските средства наменети за маркетинг за он-лајн, дигитален маркетинг.

3. Да се експериментира!

Компаниите мора да се вклучат поактивно и поинтензивно во користењето на нови дигитални медиуми. Најдобро е да започнат со воспоставување на свој блог, да се приклучат на он-лајн разговори, форуми, социјални мрежни сајтови. Не треба да се заборави дека социјалните медиуми коштаат најефтино во однос на другите видови маркетинг, но бараат стрпливост, отвореност, автентичност.

4. Да се истражува!

Компаниите мора да продолжат со маркетинг истражување! Тие постојано треба да ги следат потребите и желбите на потрошувачите. Преку анализа на информациите од пазарот, компаниите можат да откријат невидени "богатства"!

5. Да се зближува компанијата со потрошувачите!

Во рецесија, компаниите мора да комуницираат со своите потрошувачи. Тие мора да ги слушнат проблемите на потрошувачите, да им помогнат, да ги расположат со своите производи и секогаш да имаат на ум дека најдобар маркетинг е од уста-в-уста. Задоволните потрошувачи ќе бидат најдобра промоција на производите и услугите на компанијата. Ништо не е помоќно од препораките од пријателот!

И за крај, без оглед во која насока се движи економијата, за компаниите најмоќно средство се **ПОТРОШУВАЧИТЕ!**

NEW PROMOTION STRATEGIES DURING THE FINANCIAL AND ECONOMIC CRISIS

Summary

This paper is to present the new promotion strategies that companies can use during the financial and economic crisis. Economic crisis is a part of the normal life-cycle of society. However, when global economic crisis occurs, a lot of companies are faced with a bankruptcy.

During the economic downturn, the behavior of consumers, as well as companies, is changed. Consumers are not spending much money, they live poorer, have a low living standard and even are losing their jobs. In purchasing, they are more oriented towards the basic and cheaper products, products that last longer and favorite brands. Consumers are looking for value rather than luxury!

Companies, on the other side, are trying to reduce their costs and keep their capital and assets safely. The biggest mistake that comapnies make is that they firstly cut their marketing budget and budget for innovations. Thus, they are diminishing their market share and allow competition to take over their market place.

It is advisable for companies not to ignore the importance of marketing! They still need to promote their products and services, but on a new, more cost-efficient way. Instead of advertising through the traditional and expensive communication media (TV, radio, newspapers, magazines, billboards) it is better for them to use direct, web-marketing that is far cost-effective marketing tool. The economic downturn is speeding the shift to digital marketing.

By using the direct marketing instruments and new digital media (web-site, blogs, e-mails, podcasts, web-seminars, online social networks, forums, newsgroups) companies can reach enormous savings and are able to offer cheaper products and services. At the same time, these new media can be used for upgrading, cementing and establishing a long-term relationship with customers. When faced with crisis, companies must offer qualitative, cheaper and basic products. This is definitely the recipe for a long-term success.

Key words: *direct marketing, traditional communication media, digital media, web-seminar, pod-cast, blog, online social networks, web-site, word of mouth, forum, newsgroup*

Литература

1. Bourke Chris, *Business Marketing Tips to flourish in an Global Economic Crisis*, Devision Design Australia, 31 August 2009
2. Gargum Karim, I-paper on Internet: *Marketing and Economic Crisis*
3. Димитријадис Никос, *Маркетингот - црна дупка за која вреди да се ризикува*, интервју за Бизнис 2009
4. Димитриеска Савица, *Маркетинг комуникации*, Европски универзитет-Скопје, 2009 година
5. Јаќовски Бошко и Ристевска – Јовановска Снежана, *Основи на маркетинг*, Европски универзитет - Скопје, 2006
6. Јаќовски Бошко и Ристевска – Јовановска Снежана, *Основи на маркетинг*, Европски универзитет - Скопје, 2008
7. Cavanaugh Gail, *Marketing During the Economic Crisis*, Promoting your business, January 2009
8. Котлер Филип и Каслионе Џон А., *Хаотика - Менаџирање и маркетинг во турбулентни времиња,* 2009
9. Kotler Philip, *Marketing Management – Millenium Edition*, University of Poenix, 2002, Managing Direct, Prentice Hall Inc, USA, p.317
10. Левинсон Џеј Ц, *Герила Маркетинг*, интервју од 30 ноември 2008 година за весникот Бизнис
11. Madrigano Enrico, *How the Economic crisis will impact Web Marketing and Seo business in USA and Europe?*", Free press Release, March 4, 2009
12. OECD, *Keeping markets open at times of Economic Crisis*, April 2009
13. http://www.globalchange.com

005.95 : 005.336.5

Доц. д-р **Љиљана КОНЕСКА**

МЕНАЏЕР И ЛИДЕР – СЛИЧНОСТИ И РАЗЛИКИ

(Прегледен научен труд)

Апстракт

Менаџерите и лидерите се два различни видови на раководители со различни способности.

Определувањето на кој вид му припаѓа кандидатот кој сака да се вработи во нашата организација и знаењето како да се искористи тој човек е една од клучните тајни за профит во една успешна организација.

Менаџерите често не се гледаат себеси како лидери, туку како раководители. Но, секој менаџер може да стане лидер, затоа што менаџерите не се разликуваат од лидерите како личности, туку според нивните стилови на работа.

Клучни зборови: *лидер, менаџер, лидерство, човечки ресурси, менаџмент култура*

Вовед

Менаџерите и лидерите имаат различни ставови кон целите, кариерите и врските. Целите на менаџерите произлегуваат пред сè од неопходноста (потребите), а не од желбите и менаџерите имаат реактивни ставови за целта. Менаџерите ги идентификуваат постоечките потреби и потоа настојуваат да ги задоволат.

Лидерот ја создава потребата, а потоа ја исполнува. Лидерите се активни наместо реактивни, ги оформуваат идеите, наместо да одговараат на истите. Влијанието на лидерот е да го смени начинот на размислување кај луѓето за тоа што се посакува, дали е возможно и неопходно.

Лидерите наредуваат, менаџерите извршуваат. Секако, и менаџерите даваат наредби, но само како успешно да се извршуваат задачите, додека лидерите даваат нови директиви.

МЕНАЏЕР И ЛИДЕР – СЛИЧНОСТИ И РАЗЛИКИ

Менаџерот е поединец кој ги извршува функциите на менаџментот.Тоа е стручен раководител, работоводител, управник, директор, стручен носител на функцијата раководење на техничко-технолошките процеси, координација, организирање и управување на стопанските работи на претпријатието. [1]

Менаџерот и лидерот се разликуваат по концепцијата за работа. Менаџерската работа е процес кој оспособува група луѓе да делат идеи, да развиваат стратегии и да донесуваат одлуки. Менаџерите го потпомагаат процесот со располагање со разни вештини за балансирање, организација на времето и преговарање. Кога работите ќе почнат да се одвиваат добро, менаџерот се труди да ги избегне потенцијалните проблеми. Од друга страна, лидерот не ги поправа работите што не се скршени. Додека менаџерите ги ограничуваат изборите и одржуваат status quo, лидерите работат во спротивна насока за отворање на нови опции. Лидерите работат со голем ризик и често се изложени на опасност и ризик, особено во ситуации кога постои можност за поголема заработка. Менаџерите го чуваат бизнисот, заштитници се на институцијата и чувари на раководниот стил. Ги координираат и балансираат потребите на различните оддели во организацијата, ги извршуваат стратегиите и управуваат. Животите на лидерите се карактеризираат со успеси и падови, но и со постојана битка за одржување на редот. Тие имаат сопствен свет во кој се чувствуваат добро, можат да работат за вас, но не припаѓаат на вашата фирма. Во кризни моменти лидерот е тој што ќе успее, како никој друг. Затоа, идентификувањето и ангажирањето на лидер кој ќе придонесе многу за вашата организација има огромна важност и може да значи разлика помеѓу успехот и неуспехот во вашиот бизнис.

Во банките, каде промените во основната директива се ретки, главните раководители се менаџери кои минуваат некое време покажувајќи менаџерско водење, но ретко чисто лидерство (водство). Во софтверските фирми, процентот ќе биде обратен бидејќи новите директиви мора да се смислуваат постојано за успешна конкуренција.

Посебни специфичности. Менаџерите често не се гледаат себеси како лидери, туку како раководители. Но, секој менаџер може да стане лидер, затоа што менаџерите не се разликуваат од лидерите како личности, туку според нивните стилови на работа. Лидерите се поживи, похаризматични и размислуваат подалекусежно од менаџерите. Секој менаџер може да раководи со пронаоѓање на нови насоки. Врз останатите можат да влијаат незабележително, но со големи ефекти. Тоа може да има ефекти, исто како и ефек-

[1]Тодоров,Т.& Петревска,Р.&Димков, Д..: Поимник на економски и берзански термини, Скопје, 2004,стр. 233

тите кои ги постигнува лидерот-ентузијаст. Менаџментот е само улога, а не вид активност (акција). Можете да водите без оглед на улогата, преземајќи мерки за развој во нови насоки што им се наметнуваат на другите.

Одговорниот менаџер има тенденција да успее со градење договори за почит и доверба со тие околу нив. Персоналот одговара позитивно на одговорните менаџери; тие работат повредно, работат да му помогнат на менаџерот и организацијата и нејзиниот успех, а ќе работат и прекувремено, ако има потреба. Тоа е резултат на односот на менаџерите кон персоналот и нивната желба да помогнат во задоволувањето на потребите на работниците. Значи, основната меѓузависност е базирана на однесувања кои покажуваат грижа, почит и доверба. Одговорните менаџери, исто така, влијаат и на оние кои се над нив во хиерархијата. Бидејќи одговорните менаџери имаат способност да работат за потребите на нивните претпоставени, од нивна страна тие се гледаат како корисни и лојални или едноставно претставуваат голема помош за организацијата. Ова им овозможува да го насочат вниманието на луѓето кон нив во рамките на системот и понатаму да помагаат во извршувањето на должностите, кога е потребно.

Одговорните менаџери поседуваат низа вештини и способности кои им користат за успешно извршување на задачите. Пред сé, тие треба да бидат "далекувидни", што има свои компоненти. Како прво, тие се способни за миг да забораваат на своите грижи, за да ги ислушаат другите. Потоа, тие знаат што се случува околу нив и знаат да читаат "меѓу редови". Можат да насетат што им треба на луѓето, иако тие потреби не се директно искажани. Како и да е, не е доволно да знаат што се случува околу нив за да ги идентификуваат потребите на другите. Одговорноста е критична карактеристика за менаџерскиот успех. Добро би било да се прошири разбирањето на следниве прашања:

1. Ако сте менаџер, како ќе го приспособите својот однос за да бидете поодговорен и забележан кај вашиот: а) персонал, б) шефот, и в) купувачите.

2. Ако сте менаџер, која е вашата дефиниција за одговорен работник? Можете ли да ги "идентификувате" вашите омилени работници и да ја видите нивната одговорност кон вас? Најверојатно ќе забележите дека вашите највредни работници се одговорни.

3. Ако не сте менаџер, што би требало да направите за да бидете поодговорен кон луѓето околу вас?

Од друга страна, **неодговорниот менаџер** има ограничено влијание, затоа што луѓето кои го окружуваат не го почитуваат и не му веруваат дека се грижи за нивната добросостојба. Ограниченото влијание не му дозволува да ја искористи максимално моќта која ја има на позицијата на која се наоѓа и постојано е присутен стравот за мотивациската компонента, која е тешко да се одржи цело време. Постои мислење дека неодговорните менаџери се

заинтересирани само за себе, односно, дека не се заинтересирани за потребите на другите луѓе. Исто така, нивните надредени ги сметаат за луѓе на кои не може да им се верува и кои не се корисни при градење на организацијата и заштитата на организацијата.

Менаџерското водење може да има две основни организациони задачи:

1. Пронаоѓање на нови директиви и
2. Извршување на постоечките задачи.

Првата задача бара водење, а втората задача бара управување. Постојат два вида нови директиви: правење нешто сосема ново - нови производи и правење на истата работа подобрувајќи го квалитетот, ефикасноста и услугата за купувачите. Првиот вид бара само водење. Вториот вид е мешавина од водење и управување - менаџерско водење. Менаџерот-лидер иницира промена, но само во насока на подобрување на начинот на кој се извршуваат постоечките задачи. Ова е водење со менаџерски нагласок. Сите три типови - лидер, менаџер и менаџер-лидер се разликуваат според тоа кон што се насочени. Но, тоа не е поврзано со стилот и личноста. Првите два имаат цврст фокус, додека последниот е комбинација од првите два. Стилот и личноста се вклучени со цел да се влијае врз приврзаниците. Понезабележливите типови влијаат со пример или израз - незабележливо убедување. Поживите типови ќе направат голема врева, но орудијата со кои тие влијаат не се диференцијален фактор помеѓу водењето и управувањето.

Влијанието на лидерите се гледа во видот на директивата, додека менаџерите го мотивираат подобрувањето во изведбата. На пример, силниот менаџер за продажба може да биде личност која ќе нè асоцира на формален лидер, но ако неговиот (нејзиниот) фокус е строго подобрување на извршеното, тогаш ова е само управување без разлика колку е силен стилот на убедување на овој менаџер. Некои менаџери ќе најдат полесен начин да изнајдат подобрувања во однос на извршувањето на тековните задачи, отколку да изнајдат нови фундаментални директиви. Некои лидери немаат доволно силен систем на размислување, трпение, детална ориентација и вештини за организација за да го подобрат постоечкиот процес. За еден менаџер да биде лидер важна е насоката во која сака да ги смени работите. Тој е водач кога поттикнува некоја промена. Тоа е суштината на водењето. Начинот на кој влијаете врз луѓето е средство, а не супстанца на водењето.

Познато е дека лидерите ги инспирираат другите и лесно постигнуваат успех. Но, не треба да се мешаат мотивот и обучувањето со водството. Во основа - што претставува водењето (водството)? Основата на водството секогаш била индицирање во која насока да се тргне. За оние на врвот, бизнисот денеска е многу сложен и определувањето на вистинската насока не е лесно.

Водството и мотивирањето. Врвните пет мотивациски плакати се добар начин да се потсетат вработените на моќта што ја поседуваат - да прават прекрасни работи. Можат и да ги "оживеат" големите ѕидови во канцелариите со плакати во најдобрите пет категории.

1. Ризик - Желката прави напредок само кога ќе го извлече вратот надвор. Ваквиот мотивациски постер ги потсетува вработените на вредноста на преземањето ризик за постигнување на целите.

2. Тимска работа - Никој до сега не успеал сам. Со ваков постер ќе се охрабри тимот да работи заедно и да се заложува реализација на заедничките цели.

3. Успех - Никој не почнува да работи за да не успее. Треба да се охрабрат вработените да успеат.

4. Цели - Мотивациските постери треба да го потсетат и мотивираат тимот кон реализација на целите.

5. Обврска - Тимот ќе успее само доколку сите се обврзани кон постигнување на успех. Ваквите постери помагаат да се изгради тоа чувство на обврска кај вработените.

Разлики меѓу менаџерот и лидерот:

Менаџерот контролира; лидерот воведува промени и нови идеи.

Менаџерот одржува постојаност; лидерот развива.

Менаџерот ја прифаќа реалноста; лидерот ја истражува.

Менаџерот се фокусира на системите и структурата; лидерот на луѓето.

Менаџерот има ограничени сфаќања; лидерот има неограничена перспектива.

Менаџерот прашува како и кога; лидерот прашува што и зошто.

Менаџерот не знае дали е на дно; лидерот насетува што се случува.

Менаџерот имитира; лидерот е оригинален.

Менаџерот прифаќа status quo; лидерот го предизвикува.

Расветленото водство (лидерство). Расветленото водство создава резултати преку практично водење на сите нивоа внатре во организациите. Менаџерите (и останатите?) прераснуваат во лидери. Дали е тоа лично водење, како член на тимот или организациско водење на високо ниво,

главна задача е создавање на смислени трикови и примена на практични корисни средства за поддршка на успешен развој на водењето.

Процесот на созревање (развоен процес) е корисен за релативно мал број луѓе. Тоа се луѓето кои ние ги гледаме како природни лидери. Добрата работа е што може многу да се забрза овој природен процес на развивање на вработените. Да се креира лидерство што може да произведе ефективни резултати, преку охрабрување на лидерската работа, почнувајќи со нагорна спирала на развојот со која се станувам сé понезависен и поуспешен.

Во работилниците за развивање на лидерството се користат пристапи за развој на експедитивно лидерство во тимското работење фокусирано на нивните специфични потреби. Работата на развиеното лидерство се развива во последните десетина години во 6 модули. Покрај тоа и многу други модули се на располагање за развивање на специфични водечки вештини. Секој од овие 6 модули траат еден и пол ден и го надградуваат претходниот модул:

1.Изготвување шема на смена од менаџер во лидер;

2.Практични средства во водењето;

3.Барање средства на вашето работно место;

4.Повик за акција (работа) и користење на напредни средства;

5.Проценување на развојот (напредокот) и

6.Личен план.

Пристапот на модерното водење во развојот ја има таа предност што резултатите се постигнуваат уште во првиот модул, а тоа е дека резултатите ќе продолжат да се надградуваат додека трае развојниот процес на водењето. Нема чекање додека некој стане "лидер" за да се појават резултатите. Самите резултати и нивната замисла (цел) ќе помогнат во развојот на процесот.

Улогата на лидерот има несомнена вредност. Лидерот е катализатор на промените кои настануваат со невидена брзина.

Она што денес се знае и работи во потполност се разликува од она што постоело пред некое време.

Време е на големи неизвесности. Како и да се нарече промената таа е неизбежна и моќна животна вистина. На одреден начин единствена можна работа која може со сигурност да се предвиди е промената.

За лидерот, една од најважните работи кои треба да ги совлада е вештината да управува со промените, односно да ги совлада хаотичните сили кои ги пратат тие промени.

Во општи случаи постојат три основни чекори кои лидерот мора да ги превземе за да го намали ударот од промените.

Првиот чекор се состои во умешноста да се обезбеди промените да се воведуваат постапно, а не одеднаш.

Втор чекор е вработените да формираат мислење дека и тие се вклучени во овој процес, затоа што оние кои се вклучени во процесот на планирање и примената на нови програми и процедури полесно ќе ги прифатат промените.

Третиот чекор е лидерот да им ги обезбедува на своите подредени информациите кои им се потребни за да го разберат секој нов елемент кој влијае врз нивната работа.

Обединувањето на сите три чекори влијае на тоа промената да се прифати како релативно позитивно искуство.

Улогата на лидерот во соочувањето со промените почнува со внимателно планирање. Било да е промената интерна или екстерна, нагла или постапна, основна должност на секој лидер-менаџер е да ја предвиди таа промена.

Голем дел од деловните луѓе се жалат на тоа дека не можат да планираат затоа што иднината е полна со неизвесност и дека не се во состојба да го предвидат она што ќе се случи во нивното опкружување.

Но, лидерот со процесот на планирање настојува да ја намали таа неизвесност, конкретно разгледувајќи ги можните случувања во окружувањето, откривајќи ги можните проблематични области и со подготовка на некој вид на резервни солуции да се соочи со промените ако дојде до нив.

Работата на секој лидер е да управува со промените, доколку сака да постане успешен лидер.

Се тврди дека сите се спротиставуваат на промените. Тоа не е вистина, затоа што некои се подготвени да ги прифатат промените (не се плашат од предизвикот). Дури се и задоволни што нешто се случува. Меѓутоа, секогаш има некој кој не може да го прифати новото, не само од навика, туку и затоа што не знае што доаѓа. Не се информирани за тоа што ќе се случи со нив, затоа лидерот е тој кој треба да им помогне и да им објасни кои се можните промени до кои би дошло и што ќе се случи за да нема изненадувања.

Заклучок

Менаџментот е како инвестиција - сакате да ги вложите сите ресурси со кои располагате за поефикасно остварување на целите. Не мора да има потчинети за да постои менаџер - секој вработен има средства на располагање - време, талент, сила, организациски способности итн. Терминот менаџер се користи за именување на вообичаена (формална) улога во хиерархијата.

Некои раководители би биле поподготвени за прекршување на новата почва (лидерство), други ќе се истакнуваат правејќи успешни работи (менаџмент) или иницирање промени да го подобрат ефектот на извршување (менаџерско водење).

Summary

Managing is like investing, resources are being invested so that aims are accomplished more efficiently. Hierarchy doesn't imply existence of management, every employee has available resources – time, skills, strength, organizational ability etc. and the decision about how, in what degree or when to use them is up to them.

The term manager is used for naming a formal role in a hierarchy. Some of the higher members of the hierarchy are ready for breaking into the land of leaders (leadership), others have great success in doing business (management), or initiate changes for making execution effects even better (management leadership).

Key words**:** *leader, manager, leadership, human resource, managing culture*

Литература

1. Bohlander, G.W&Snell,S: Managing Human Resource, Thomson South-Western, 2004
2. Cray,D.&Mallory,G.R.:Managing Culture, Carleton University& Open Univerzity, Canada, 2002
3. Govidarajan,M.&Natarajan,S.:Principles of management, Prentice-Hall, India, 2005
4. Lussier,R.N.&Achua,C.F.: Leadership, Theory, Application, Skill Development, Thomson South-Western, USA, 2004
5. Starkey,K.: Leadership and Learning Organisation, Univerzity of Nottingham, UK, 2005
6. Наумовска, Л.**:** Менаџмент на човечки ресурси, Прв Приватен ЕУРМ, Скопје,2008
7. Наумовска, В.**:** Менаџмент и мотивација, Прв Приватен ЕУРМ, Скопје, 2008
8. Петревска,Р.'Димков, Д.&Тодоров,Т.**:** Поимник на економски и берзански термини, Скопје, 2004
9. Петреска,Л.&Конеска,Љ.**:**Деловно планирање, Прв Приватен ЕУРМ, Скопје, 2006
10. Тодоров,Т&Топаловска,М: Менаџмент и менџери, Европски Универзитет, Скопје, 2007

371.14(4)

Доц. д-р **Виолета НАУМОВСКА**
Елизабета СТАМЕВСКА

ПРОФЕСИОНАЛНОТО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЕУ

Апстракт

*Градењето на **Европски образовен простор**[1] како дел од светскиот процес на глобализација, е потребен услов за слободен проток на идеи, луге и добра во насока на градење на единствен пазар на работна сила, во кој симбол на конкуренцијата ќе биде единствено квалитетот, се повеке ги условува образовните политики на европските држави. Очигледна е тенденцијата на сè понагласено насочување на образовните политики а со тоа и образовни системи кон нови, европски културни и пазарни предизвици. При градењето на Европски образовен простор особено се дава значење на ставовите на Советот на министри при ЕУ, завземени во однос на "учење низ живот", област која го опфаќа и професионалното усовршување на секоја индивидуа, па и на наставниците[2]. Образованието и обуката се услов за економски и социјални промени, потребен услов за борба со безработицата како и со социјалното исклучување, како и решавање на некои социјални конфликти. Сите иницијативи за lifelong learning треба да се баланс мегу личната, граганската и социјалната димензија. Воедно, **секој образовен систем треба да придонесува во градењето на позитивен став на индивидуата кон lifelong learning во сите негови аспекти**. Продолжувањето на lifelong learning треба да биде централна цел на сите земји низ промоција на еднакви шанси за сите.*

***Клучни зборови**: наставници, професионално усовршување (ПУ), lifelong learning, кариерен развој*

Вовед

Трудот ги прикажува и анализира состојбите во воспитно образовниот систем во земјите од ЕУ од аспект на организирање и функционирање на

[1] Convergences and divergences in european education and training, 1999: 3-45

[2] Исто

професионалното усовршување (ПУ) на наставниците. Промените во воспитно образовните системи, кои пред сè се резултат на промените во образовните политики на државите, било да се мотивите од национален карактер или пак од глобален светски и европски карактер, тие пред сè се однесуваат на професионалниот развој на наставниците, на негово насочување, како би се реализирале и ефектуирале промените[3]. Наставниците се витална супстанца на промените, првите пробни консументи, тие се тест за проодноста на промените. Промените треба да се разберат, да се проценат, да се реализираат и на крајот да се оценат. Наставниците треба да се првите кои ќе бидат убедени во корисноста на промените. Тоа е прв потребен услов за успех на промената.

Патот до реализација на овие промени-реформи, соодветствува на демократската структура на европските држави, па така тој предреформски период е одбележан со широки јавни расправи, дебати па и конфликти мегу разни друштвени групации, (родители, наставници, политичари…), но секогаш предреформскиот период завршува со минимум консензус како услов за спроведување на реформата.

Така, во земјите од ЕУ се засилува практиката на активна вклученост на наставниците, пред сè во предреформскиот период.

Воедно промените освен на професионалниот развој на наставниците, делуваат и на наставните програми во базичното образование на идните наставници.

Фокусирајки се на клучните аспекти на професионалниот развој на наставниците, користејки аналитичен приод, главна цел на трудот е да дојде до заклучни согледувања и глобални тенденции кои за организирање на ПУ на наставниците .

1. Професионалното усовршување на наставниците во ЕУ

Професионалното усовршување во Европа е клучен концепт во социјалната динамика и има значајна улога во полето на образованието, пред сè заради технолошкиот напредок, зголемената побарувачка од квалитетно образование и постојаната економска криза. Сето тоа допринесува да биде потребна постојана проценка на содржината на постојното усовршување од аспект на споменатите тековни околности.

Обично, професионалното усовршување е предвидено за сите нивоа на образование истовремено, иако неговите почетоци најчесто се поврзани со основното образование. Во анализираната студија[4] се предвидуваше дека

[3] Accomplishing Europe through education and training, (1997:121).

[4] In service training of teachers in the EU, 1995:10

возраста на наставниците од основното и средното образование до 2000 г., т.е. 1/4 од учителите ќе бидат помеѓу 50 и 60 години а новите податоци[5] зборуваат дека дури две третини од учителите во основно и средно образование се на 40 г. или постари.

Секако дека овие податоци влијаат при планирањето и развојот на професионалното усовршување, посебно, во однос на имплементација на иновативните постапки во образованието.

Планот и програмата за професионално усовршување, треба да ја земе во обзир различноста и оптималноста на постојните човечки можности, како внатре, така и надвор од образовниот систем.

Главната тешкотија со која секојдневно се соочуваат учителите во овие европски земји е воспоставувањето нови улоги кои се бараат од нив и адаптирање на промените во општеството. Затоа, со програмите за професионално усовршување се тежнее да биде опфатен максимален број наставници, со цел да се достигне критична маса неопходна за постигање на саканите ефекти. Во контекст на кажаното во половина европски држави професионалното усовршување (CPD-continuing professional development) е дел од професионалните обврски на наставникот (види сл. 3.5).

Сите европски држави превземаат одредени активности за поттикнување на професионалното усовршување на наставниците. Оваа активност е интензивирана како резултат на неколку фактори[6]:

- **Нараснатите барања во целина спрема наставниците, како и новите тематски области.**


Денес, образовниот концепт не опфаќа само настава во смисол на давање знаења, туку целосно образование и воспитание, со што одговорноста на наставникот е поширока. Наставникот е должен да го следи и поттикнува психолошкиот и емоционалниот развој на ученикот и да го прилагодува наставниот процес во насока на негов максимален индивидуален развој, а тоа бара од наставникот добро да ги познава своите ученици, но и солидно владеење на комплексни наставни стратегии. Од друга страна, наставникот треба да води и административни и раководни задачи, кои исто така бараат соодветна спремност за тоа.

Со оглед на се поголема отвореност на училиштата кон опкружувањето, како и вклучување на сите партнери заинтересирани за училиштето, наставникот треба постојано да ги развива своите комуникациски способности.

[5] Key data in education, (2005:221).

[6] Исто

Слика 1. Статус на професионалното усовршување на наставниците во ЕУ во основно, општо, нижо и вишо средно образование, 2002/2003



- **Намалувањето на бројот на ученици**.

Европа се соочува со континуирано намалување на бројот на ученици. Со ова се намалува потребата од наставен кадар, со што оптимално се распоредува постојниот кадар. Така, наставниците се сè постари и аналогно на тоа, ним им треба повеќе труд и умешност за справување со карактеристиките на новите генерации, но и со новите нивоа на знаења. Заради сите овие причини, потребно е перманентно професионално усовршување.

- **Легислатива и цели на професионалното усовршување**

Државите членки на Европската Унија тежнеат кон структурирање на професионалното усовршување со соодветно законодавство. Ваквиот пристап е од скоро време т.е. во последните 3 децении, дури и таму каде професионалното усовршување постои долго време.

Законодавството се состои од: декрети, закони, наредби, циркулари, министерски одлуки. Некои од наведениве форми ги покриваат методите на организација, а други целите. Сепак, очигледно е дека законодавството не секогаш јасно ги дефинира рамките на професионалното усовршување[7]. Веројатно причината е во тоа што професионално усовршување е сè уште под-

[7] In service training of teachers in the EU, (1995:12)

ложно на постојани промени за да може да биде дефинирано низ прецизни термини.

Професионалното усовршување се организира заради остварување на следниве цели[8]:

а.) комплетирање на почетното, иницијално образование на наставникот т.е.:

- наставниците да ги зацврстат своите знаења и вештини, со адаптација на содржините да може да се јакне интердисциплинарната врска меѓу предметите
- преку партиципација во истражувања и иновирање во воспитно образовниот процес да го осовременуваат своето знаење
- да изучуваат методи на работа со користење нови наставни средства
- да се утврдуваат и прошируваат знаењата и вештините и професионалните можности како услов за професионален развој, да се научи и унапредува менаџментот во училниците

б.) цел насочена кон стекнување на дипломи со кои се подобрува статусот на наставникот без промена на наставните обврски (пр. Наставник - ментор)

в.) цел насочена кон измена на работното место во рамките на професијата (пр. работа со хендикепирани деца)

г.) подготовка за други предмети


2. Организациска структура на системите на ПУ

Целите на секоја организациска структура се сигурно исполнување на организациските задачи, па така и во овој случај, врвното раководство, планирајќи ги стратешките основи на организацијата, ја одредува и структурата, поставена така да може да се менува во согласност со условите и потребите.

Паралелно со засилениот процес на децентрализација, најзастапена структурна концепција е кооперативната концепција која може да има примеси и на хиерархиска, со што како и во другите сегменти на образованието, традиционалните односи на автократско и хиерархиско однесување се надминуваат.

[8] Исто: 25

Слика 2. Видови активности за ПУ на наставниците во ЕУ



Органот кој е крајно одговорен за професионалното усовршување, најчесто е Министерството за Образование преку свој Координаривен Совет[9]. Сепак, присутна е тенденцијата за децентрализирање при планирањето на професионално усовршување, заради земање во обзир на вистинските потреби на оние на кои професионално усовршување им е наменето. Како резултат на тоа во моментов голем дел на професионално усовршување се обезбедува во училиштата, иако тоа не ги исклучува и другите споменати форми. (види сл. 2)

Може да се констатира дека секој простор за ПУ се користи со сè позасилена динамика на следните нивоа:

- **Организација на ПУ на Универзитетите**
- **Специјализирани установи за обука на учители**
- **Обука во училиштата**

Сите овие сегменти кои ја чинат структурата на ПУ всушност се насочени кон градењето на една функционална целина во која се почитуваат задачите и одговорностите како главни предуслови за остварување на главната цел, подобрување на личните професионални перформанси на наставниците.

Бидејќи професионалното усовршување е битен канал за комуницирање со националните образовни политики, јасно е зошто Министерството за Образование, генерално ја дефинира концептуалната рамка на професионалното усовршување. Така, иако децентрализацијата е силен тренд во Европа, степенот и нивото на централизација е различно во различни земји. Во најдецентрализираните земји како Данска, се прават напори да се воведе заедничка рамка со која ќе се овозможи координација на различните тела за професионално усовршување[10].

Некои земји членки дозволуваат, иако не како правило, професионалното усовршување да се врши во работното време, некои пак тежнеат кон организирање на задолжителни сесии во траење и до неколку дена. Други земји пак, имаат пофлексибилен пристап и професионалното усовршување е задолжително само при иновации.

Повеќето држави обезбедуваат професионално усовршување доброволно во слободно време.

Во некои земји во професионалното усовршување, можат да се вклучат и наставници кои сè уште не се воведени во практиката (Грција)[11].

[9] Исто: 23
[10] Исто
[11] Key data in education, (2005:251).

За наставниците во средното образование во поголем дел европски земји најнепосредно одговорно е Министерството за образование, преку свои координативни тела, а за наставниците од основното образование најчесто се одговорни локалните власти.

4. Организациска инфраструктура на ПУ

Заради нараснатите барања и потреби на наставниците но и на општеството, ПУ се организира на три нивоа:

- **на универзитетите** каде курсевите завршуваат со завршен испит или диплома
- **во училиштата** (не се добиваат квалификации)
- **во специјализирани установи** за тоа каде понекогаш се добиваат и квалификации

Развојот на центрите за подготовка на тренинг курсеви се движи паралелно со развојот на концепцијата, имплементацијата и регулацијата на комплексните процеси и механизми на секој тренинг. Затоа зголемена е потребата од професионално вршење на функцијата обучувач.

Во различни земји имаме разни решенија кои вклучуваат:

- **Обучувачи со полно работно време** кои вршат обука во центрите за таа намена. Овие обучувачи се поранешни учители кои се специјализирале за обука. Генерално, тие се одговорни за организирање на курсевите, ја регулираат понудата и побарувачката и раководат со обуката.
- **Учители и тренери во институциите за базична обука и за ПУ**. Одговорностите на овие обучувачи се поделени меѓу базичната обука и ПУ на наставниците. Тие обезбедуваат обука во своите институции но понекогаш тие обезбедуваат обуки и во самите училишта.
- **Универзитетски кадар, експерти и учители-истражувачи**. Овие обучувачи ги спроведуваат обуките на универзитетите и одговараат на специфични барања поставени од тренинг институциите како и од училиштата.
- **Учители кои се со редуцирано работно време во наставата заради обезбедување обука за нивните колеги.** Тие најчесто вршат обука во училиштата но исто така и во специјализирани институции за тоа.
- **Инспектори, советници, директори и друг административен кадар.** Тие обезбедуваат обука која е пократка по траење и често задолжителна. Оваа обука е дефинирана од образовната политика и образовните приоритети, развој и спроведување на реформи на национално ниво.

• **Тренери и експерти од светот на бизнисот.** Овие обучувачи најчесто се вклучени во обука од стручен аспект, тие се супервизори на учителите на кои најчесто им обезбадуваат обука во фирмите.

5. Професионалното усовршување како право и обврска

Професионалното усовршување скоро секогаш е право и морална обврска. Тоа во практиката ретко е законска обврска, посебно за наставниците во средното образование. Така правото на професионално усовршување е професионално право, но неговата примена е сепак ограничена. Ова ограничување произлегува од селективниот критериум за учество кој се базира на: проценка на мотивираноста на наставникот; мислењето на главниот наставник - ментор; квалификацијата и возраста на кандидатот.

Веројатно буџетските проблеми се причина за пречките при аплицирање на најголем број наставници. Наставниците имаат право да го следат

Табела 1 Временска димензија за ПУ на наставниците во ЕУ

Минимум годишно време (во часови) одредено за задолжително усовршување во основно, општо нижо и вишо средно образование, 2002/03

	BE fr	BE de	BE nl	DE	EE	LV	LT	HU	MT	AT	FI	UK-ENG/ WLS/NIR	UK-SCT	LI	RO
ISCED 1	21	21	14		32	12	18	17	21	15	18		35		19
ISCED 2	21	21	21	✓	32	12	18	17	21	15	18	✓	35	✓	19
ISCED 3	21	21	21		32	12	18	17	21	✓	18		35		19
⊗	CZ, DK, EL, ES, FR, IE, IT, CY, LU, NL, PL, PT, SI, SK, SE, IS, NO and BG.														

⊗ Обуката не е задолжителна ✓ Различно

Извор: Euridice

сопствениот професионален развој и должност да го осовременуваат сопственото знаење, но ова право и должност ретко е задолжително, бидејќи од една страна буџетот не го дозволува тоа, а од друга страна јасно е дека професионалното усовршување може да биде со позитвни ефекти само ако е по желба и слободен избор. Од тоа следи дека професионалното усовршување треба да е во контекст на демократските тековi, а отсуството на обврска треба да се сфати како промоција на автономијата на наставникот.

Потребата од воспоставување солидна релација меѓу образованието и развојот, ги прави постојано актуелни прашањата околу буџетот за перманентното образование, доброволното или задолжителното учеството на наставниците во него, регулирањето на нивното отсуство т.е. замената со други наставници, времето на одржување на дополнителната обука како и местото

за одржување на истата, а сето тоа го отежнува формирањето на јасна и комплетна слика на организацијата на континуирано образование во Европа.

Сепак, може да се изведат неколку **општи заклучоци:**

- поголема задолжителност за перманентно усовршување се среќава во некои европски земји само во основното образование додека во средното тоа не е случај, исклучок е само при воведување на иновации.
- отсуството на наставниците заради учество во некоја форма на усовршување е платено, а обично ги заменуваат нивните колеги од училиштето, при подолги отсуства се ангажира и друг кадар.
- се практикува колку е можно професионалното усовршување да е надвор од времето за настава т.е. за време на викенди и распусти.
- во некои земји обуката се изведува во специјални центри за тоа, пример Шпанија, Италија, Франција, а постои тенденција за негово изведување и во самите училишта.

6. Професионално усовршување - содржина, форма и практика

Професионалното усовршување обично се организира за групи на ниво на образование т.е. основно и средно, по типови на предмети или специфични професионални категории како: главни учители - ментори или учители на почетокот на нивната кариера.

Содржините кои се опфатени, најчесто се однесуваат на:

- **Наставен курикулум и методи за учење**

Во овие содржини вклучени се сите предмети а најчесто се среќаваат мајчин јазик, странски јазици, математика и нови технологии (методика на предмет), вклучувајќи компјутери.

- **Училишна организација и водство**

Ова обучување е од аспект на унапредување на училишната администрација како и водството на училишниот живот, што подразбира поддржување и унапредување на учењето. Може да бидат опфатени сите наставници, посебно главните, а некаде има и специјални програми за обука на директорите, пр. Холандија, Шведска.

- **Образовни и психолошки прашања**

Обуката поврзана со интеграција на хендикепираните деца (Белгија, Франција, Шпанија, Италија, Австрија, Луксембург) и проблемите поврзани со мултикултурализмот се најчести и се обработуваат низ посебни содржини:

индивидуализирано учење, групно учење, проблеми на проценка, однос наставник-ученик и сл.

- **Социолошки прашања и подрачја на иновации**

Овие содржини се занимаваат со: животната околина, здравствената заштита, интернационализацијата и европската димензија во образовната проблематика во однос на кариера, водство и односи меѓу наставник, родител и ученик.

Општо би можело да се каже дека во однос на содржините, највисока важност во најмногу земји се дава на[12]:

- владеење на мајчин јазик
- учење и владеење на странски јазици и нивно рано вклопување во училишниот систем
- мултикултурализмот и водството на разни училишни нивоа
- познавање и почит на околината

Во однос на учеството на европските држави во меѓународни проекти од поширок карактер, може да се забележи силно повратно влијание произлезено од резултатите што се постигнати на истите[13]. Во Франција како резултат на следењето на резултатите од ТИМСС во период од 10 г. Математичката Учителска Асоцијација има изготвено бројни помошни алатки за наставниците особено за работа со ученици на возраст од 6-12 г. Овие алатки достапни се до наставниците преку интернет и преку ЦД-РОМ. Во Германија е постапено на сличен начин како во Франција. Министерството за образование на Австрија како резултат на лошите резултати на учениците во склоп на ТИМСС, поставува проект на национално ниво со две клучни опфаќања:

- поставување на мрежа за иден развој на инструкциските методи во математиката
- развој на методологија за користење на битните согледувања од ТИМСС низ математичките напатствија

Слична е состојбата и со земјите кои учествуваат во проектот ПИРЛС. Резултатите од овој проект кој ја вреднува писменоста на учениците од 4 одделение даваат корисни информации за ПУ на наставниците кои работат со овие ученици[14].

[12] Исто: 29

[13] Наведените согледувања за Франција, Австрија и Германија се од изворот: European report on the quality of school education, (2000:61)

[14] Key data (2005:213)

- **Форми низ кои се реализира професионалното усовршување**

Формите на организирање се во најнепосредна зависност од предвидените содржини. Сепак најчесто се организираат: семинари, курсеви, работилници, кои можат да траат од неколку часа до неколку дена. Исто така се среќаваат и формите: работа на проекти, посета на работни организации, конференции, учење на далечина, како и студиски престои.

- **Учество на наставниците во професионалното усовршување**

Точни податоци за учеството на наставниците во професионалното усовршување тешко е да се прикажат бидејќи сепак професионалното усовршување е понов феномен, за кој нема повеќегодишни статистички податоци. Сепак, од достапните информации може да се види дека релативно мал број наставници е вклучен во професионалното усовршување.

Најголемо е учеството во Шпанија и Португалија каде од основното образование се опфаќаат околу 70%, а од средното 37% наставници, годишно.

Во Данска и Норвешка секоја година се опфаќа 30% од вкупната популација наставници во основно и средно образование.

Останува прашањето дали таму каде во професионалното усовршување се вклучуваат 30% наставници или помалку од тоа, се добива критична маса потребна за позитивен процес при унапредувањето на работата во училиштето.

Иако влијанието на професионалното усовршување врз праксата на наставникот не би можело прецизно да се мери, ваквото влијание сепак не може да се оспори.

7. Вреднување на професионалното усовршување

Во повеќето европски земји, на национално ниво, Министерството за образование преку Координативниот совет за професионално усовршување е одговорно за проценување на резултатите од истото.

Сепак, најчесто на локално ниво, одговорни се локалните образовни власти кои проценките на програмите и нивната реализација ги доставуваат до централното Министерство.

Разликата во програмите за обука го отежнува изнаоѓањето на еден едноставен и единствен систем на проценка. Во сите земји се прават напори за изнаоѓање дополнителни видови на надворешно и внатрешно проценување на програмите за обука, со цел да се дојде до нивниот реален квалитет. Во Португалија на пример со закон се обезбедува проценка на овие активности од страна на институциите кои ги организираат, тренерите кои ги изведуваат

и најнепосредните учесници т.е. наставниците, со цел да се анализира дали реализираната обука одговара на предходно поставените цели[15].

Сигурно дека проценката на наставниците може да е и проблем со оглед на нивното доброволно учество. Затоа како основно, главно вреднување реално се наметнува самопроценката, а формалното потврдување кое најчесто е сертификат за присуство и обука, е споредно.

Сепак, сè поприсутни се обидите за воспоставување релација меѓу анализата на потребите, формулирање на очекувањата и оценка на резултатите. Попрецизно вреднување на ефектите од обуката која пред сè го поттикнува личниот развој на поединецот, а потоа и неговата професионална пракса може да се согледа само низ долгорочен процес на вреднување, поддржан од цврста методологија која би довела до јасно формирана проценка на квалитетот на обуката. Комплексноста на подрачјето на проценка на обуката, прави во Европа сè уште да нема унифициран модел за тоа.

Заклучоци

Општествено економските прилики во Европа, во последните децении, придонесуваат професионалното усовршување на наставниците да ги надмине идејните рамки и да стане вистинска реалност. Ако во почетокот акцентот беше ставен на развивање вештини стекнати во иницијалното образование од разни предметни области, подоцна се прејде кон решавање на проблемите од училиштето и училницата, подобрување на професионализмот и охрабрување за иновации.

Во поголем број европски земји, погоре кажаното допринесе за потребата од формирање на тренери-обучувачи.

Наставниците најчесто самостојно се пријавуваат за учество кога ќе одберат програм од оние кои се нудат, за кои тие самите ќе проценат дека им е потребен. Тие поднесуваат молба до училиштето барајќи одобрение за учество и дозвола за отсуство од работа.

Сегашниот тренд кон унапредување на професионалното усовршување е во насока на децентрализација на истото и негово програмирање и организирање во самото училиште. Со ова се очекува пореално доаѓање до вистинските проблеми во училиштето и вистинските потреби на наставниците.

Постои единственост во однос на мислењето дека професионалното усовршување може да ги даде очекуваните ефекти во практиката, само доколку

[15] Key data in education, (2002:147-155)

оние кои го следат се мотивирани и имаат свој личен план за професионален развој, кој е во паралелна линија со професионалното усовршување кое се следи.

Европската димензија и мобилност во однос на професионалното усовршување доприносува програмите за мобилност на наставниците да се сметаат како стратегија, способна да допринесе поефикасна експлоатација на можностите што ги нуди европското образовно подрачје. Така, сите скандинавски земји имаат долга традиција на отворање едни кон други. Оваа отвореност може да биде на формално или понеформално ниво и овозможува размена на наставници и споделување на образовните проблеми и решенија. Размената на наставните програми и наставници на ниво на Европа може да се одвива и во рамките на Советот за културна соработка при Европскиот Совет. Сето тоа доприносува за зајакнување на меѓународното разбирање, соработка и солидарност.

Summary

The social-economic occasions in Europe in recent decades, are contributing for the professional development of teachers to excel the proposals within and to become real. If the early emphasis was on developing skills acquired in initial education on various subject areas, later it moved to solving the problems of school and classroom, improving the professionalism and the encouragement of innovation.

In most European countries, the above spoken, contributed to the formation of trainers-instructors.

Teachers often are self-reporting for participation when they are choosing a program from those offered, from which they themselves would assess what are needed. They are submitting an application to the school requesting approval for participation and permission for absence from work.

Current trend toward improvement of professional training is in the direction of decentralization of the same and its programming and organization in the school itself. With this is expected more realistic coming to real problems in school and the real needs of teachers.

There is oneness in terms of the opinion that the professional training can give the expected effects in the practice, only if those who follow are motivated and have a personal plan for professional development, which is in parallel with the professional improvement that follows.

European dimension and mobility in terms of the professional improvement, contributes programs for mobility of teachers to be considered as a strategy, able to contribute for more efficient exploitation of the opportunities

offered by European educational area. Thus, all Scandinavian countries have a long tradition of opening to each other. This openness can be on formal or informal level and enables exchange of teachers and sharing of educational problems and solutions.

Exchange of curriculum and teachers at European level can take place within the Council for Cultural Cooperation at the European Council. All of this contributes for strengthening international understanding, cooperation and solidarity.

***Key words**: teachers, professional development, lifelong learning, career development*

Литература

1. Bollen, R. Creemers, B. Hopkins, D. Reynolds, D. Stroll, L. Lagerwei, N. (1996), *Linking school effectiveness and school improvement*, London: Routledge.
2. Samons, P. Hillmans, J. Mortimore, P., (1994), *Key characteristics of effective schools,* London: Review of School Effectivness Research, Institute of Education

❖ ❖ ❖

3. *UNESKO - 50 Years for education*. 1997, Paris, UNESKO.
4. *Accomplishing Europe through education and training*, (1997) Luxemburg European Commission
5. *Convergences and divergences in european education and training systems,* (1999), Luxemburg: EC
6. *Key data in education*, (1999), Luxemburg: Eurydice
7. *Key data on education in Europe*, (2002), Luxemburg: Eurydice
8. *Key data on education in Europe*, (2005), Luxemburg: EC
9. *In - service training of teachers in the European Union and the EFTA/EEA countries*, (1995) EURYDICE *Decentralization of education*, (1997), Washington The World Bank
10. *European report on the quality of school education*, (2000), European Commission

005.591.6
658.5.012.4

Доц. д-р **Лидија НАУМОВСКА,**
Помлад асс. **Андријана БОЈАЏИЕВСКА**

НОВИ БИЗНИС МОДЕЛИ ЗА РАЗВОЈ НА КОМПАНИЈАТА

Апстракт

Воведување на иновации како и нивно дисциплинирано спроведување предизвикуваат драстични промени во организацијата и секојдневно ја подигаат нејзината конкурентност. Основните функции на менаџментот и старите организациски структури се непријател на иновациите. Тромите бирократски процедури претставуваат отров за новите идеи. Начинот на управување со формирање специјални тимови за истражување и развој и воведување на нови идеи, се покажаа неефикасни. Новата парадигма во компанијата е да се слушаат идеи од секој вработен. Секој кој е мотивиран има став за работата која ја врши. Во минатите декади истото важеше за контролата. Се формираа специјални одделенија за контрола, кои ако малку не внимаваа се појавуваше шкарт во производството, или пак се воведуваа казни за оној кој погрешил. Одговорноста беше на тимовите за квалитет. Јапонските менаџери со новата филозофија на тотален квалитет, ги збунија Американците. Тимовите за квалитет, кои се среќаваа по работното време, внесоа една комплетна одговорност за квалитетот во организацијата.

Сега е нова ера, ера во која има промени, информацијата царува, конкурентноста за миг одминува.

Затоа има и нови рецепти, а тоа е креативност и иновативност од секој вработен. Сопствениците веќе не се толку богати да дозволуваат и траги од креативност да заминува неповратно од нивните компании.

Во овој текст се наведени многу примери од светот и кај нас, како од идеја во гаража, во краток рок се раѓа нова компанија, се раѓа победник и корпорација.

Искористени се и неколку рецепти за воведување на новиот бизнис модел,

***Воведување на иновација**.*

***Клучни зборови:** иновација, иновативни идеи, стратегии, конкуренција*

Иновацијата како нов бизнис модел

Иновацијата е примена на определена идеја која што е доведена до степен на нејзино фактичко искористување во општеството.[1] Таа е конкретен резултат на една идеја која што ја постигнува својата цел затоа што соодветствува на некоја човечка потреба.

Големите сознанија во вид на иновации се познати уште одамна. На пример, Земјината гравитација постоела уште пред Исак Њутн да ја утврди, коефициентот на ширење на материјалите, законот на рамнотежа и др., но научниците само ги забележале појавите кои се случуваат во природата и ги дефинирале како закони.

Голем број радикални иновации не се дело само на големите истражувачи во лабораториите. Првиот комерцијализиран компјутер во светот е создаден во подрум на двајца инженери. Наспроти ова, блескавите истражувачи на Ксерокс, не го согледале значењето на малите апарати за фотокопирање, па така им го препуштиле на Канон, или софтверите на Епл. Употребата на идејата може да биде комерцијална, ако ја прифати пазарот, или општествено политичка, пример, воведување платен одмор, право на гласање, бенефиции на вработените и др.

Континуираната промена е клучна фигура на секој бизнис, но не и само на бизнисот. Ако погледнеме подлабоко на извонредните достигнувања на нашата цивилизација, во науката, технологијата, уметноста, политиката и трговијата, денеска се наоѓаме во исклучителен момент на цивилизација со глобално знаење која се појавува на основите на техничкото и трговското know – how. Страничен ефект на оваа способност да се креира нова технологија, нови производи и нови услуги, односно да се иновира, е глобалната култура на постојани промени, еволуирачка култура која ја победи способноста на менаџерите да управуваат.

Најбитно е тоа што постои јаз помеѓу реалноста на забрзаните промени и нашата перцепција за тоа што всушност се случува. Менаџерите често имаат погрешна ментална слика за пазарот, бидејќи не ја сфаќаат големината и влијанието на промената и ја потценуваат нејзината важност за нивните организации. Тие создаваат бавни, хиерархиски структури кои ја концентрираат моќта, ја нагласуваат стандардизацијата и бараат сообразност, кога иновацијата и креативноста треба да им служи ним, а уште повеќе и на нивните акционери. Понатаму, овие грешки се придружени со аналитичко мислење кое промовира фрагментација и предизвикува фирмите да ја изгубат "големата слика".

[1] Андре Ив –Портноф, Иновативни патеки, превод од француски, Зоран Јовановски, Магор, Скопје, 2007

Промените никогаш нема да престанат. Компјутерските чипови ќе продолжат да ја зголемуваат својата брзина, биотехнологијата перманентно ќе ја менува здравствената нега и производството на храна, нано технологијата ќе ги промени материјалите и производството, сочуваното хумано знаење ќе продолжи да се зголемува без пауза и над сето ова, забрзаните промени ќе продолжат да се зголемуваат.

Справувањето со овие промени бара различен ментален модел, оној кој го претставува светот онаков како што е – комплексен и хаотичен – различен од оној кој го посакуваме и замислуваме. Проблемите на комплексност се адресираат на тема иновација затоа што самата по себе таа е одговор на промените на пазарот и процесот на иновација по природа е комплексен.

Иновацијата може да се дефинира како позитивна промена предизвикана од организациската култура. Успешните претпријатија свесно креираат култура на иновација. Секоја организација може да биде иновативна за да го осигури својот опстанок, но најпрвин треба да се постави стратегија на врвно ниво и истата да се поддржи со култура на иновација.[2]

Иновацијата е процес на креирање на нови идеи и нивно претворање во нова деловна вредност. Иновацијата е критичен фактор во конкурентното пазарно општество и нејзиното влијание на глобалната економија е непогрешливо.[3] Ова го знаат и менаџерите и потрошувачите, и економистите и вработените, но сето тоа не го прави лесно нејзиното достигнување.

- Менаџерите знаат дека развојот на иновации е една од нивните најбитни одговорности, односно конкурентноста на нивните фирми зависи од тоа.

- Потрошувачите ги препознаваат иновациите како нов извор на вредност и тие ги купуваат постојано и полни со ентузијазам. Најпосле, потрошувачите ги бараат најдобрите нови работи – автомобили, iPod, мобилни телефони, музика, филмови, игри и играчки, ги сакаат сите нив кога се нови на пазарот затоа што сакаат иновација!

- Економистите знаат дека иновацијата е неопходна за добробитта на секоја организација и секоја држава и воопшто знаат дека организациите кои не успеваат да иновираат не успеваат да опстанат.

- Вработените знаат дека кога нивните организации не воведуваат иновации на ризик се ставени нивните работни места.

Додека динамиката на пазарот е толку комплексна што иновацијата не гарантира со сигурност преживување, организациите кои доцнат со

[2] Innovation and Imagination at work, 2nd Edition, by Australian Institute of Management, McGraw-Hill © 2004

[3] Morris. L,Permanent Innovation,Download Edition, 2006, стр. 42

иновациите ќе се соочат со проблеми затоа што иновацијата е примарниот механизам со кој организациите треба да се адаптираат на промените. И бидејќи утрешните пазари ќе се менуваат побрзо од денешните, потребата за иновирање ќе биде неизбежна.[4]

Според Јозеф Шумпетер иновацијата е стожер на немилосрдните промени. Стари идеи, стари производи и стари организации континуирано се заменуваат со нови, што според него значи дека капитализмот е процес на "креативно уништување", континуирано и масивно заматување на пазарот што доведува нови организации на врвот а другите ги турка настрана.

Денеска, организациите се соочуваат со нови предизвици и можности и непрактично е за истите да ги минимизираат или стопираат своите иновативни иницијативи сè додека не помине (рецесијата) најлошото паѓање на економијата. Ако го сторат тоа ризикуваат да бидат зад линијата кога економијата ќе заживее и да им ја отстапат својата ценета позиција на конкурентите кои, пак, пронашле креативни начини за одржување на иновативните решенија во време на рецесија.

Прашајте било кој извршен директор во светот да состави листа со пет желби и во секоја листа ќе се појави "повеќе идеи = подобри идеи". Ова е вистина, затоа што идеите и иновацијата се најважната валута во секоја економија. Иновацијата е премногу важна за да се препушти на можноста/шансата. Така, бизнис лидерите во светот, не трагаат само по идеи, туку и по нови бизнис модели и партнери кои ќе им помогнат во засилувањето на иновацијата во систематски поглед.

Во услови на рецесија, луѓето имаат намера да го намалат своето трошење, и купуваат поевтини производи на храна, апарати за домаќинства, облека итн. Сепак, ова не значи дека тие престануваат да купуваат, туку дека тие се здобиле со "рецесивна" навика за купување, што значи дека тие се повнимателни при купувањето. Тие би се потрудиле повеќе да купат нов и подобрен производ. Ако вашиот е застарен и неизменет, тие би го напуштиле. Поради тоа што, значително, се разликуваат пазарот со "рецесивни навики" и оној со високи потрошувачки активности, организациите можат да го загубат својот удел на пазарот за кратко време ако не почнат да делуваат како систематски иноватори.

Познати се два приоди на зголемување на профитот и создавање на витална конкурентска предност, првиот се однесува на краткорочно зголемување на профитот преку намалување на оперативните трошоци и ценовна конкуренција, и вториот пристап, односно долгорочно зголемување на про-

[4] Morris. L,Permanent Innovation,Download Edition, 2006, стр. 43

фитабилноста преку диференцијација и креирање на иновации.[5] Најчесто, организациите го следат приодот на намалување на цените, иако резултатите од примената на истиот исчезнуваат после две или три години (Kubinski, 2002). Следствено на тоа, иновацијата е единствениот извор на витална конкурентска предност, односно преку иновацијата, на долг рок, се креира поголема вредност за сите стеикхолдери (Hamel, 1997). Економските пресврти не само што ја прават иновацијата поважна туку и процесот на иновација полесно се управува и трошочно е поефикасен за време на рецесија.

Поради тоа, прашањето не е дали да се иновира или не, туку како да се иновира?

Како да се оцени иновацијата

Со појавата на успехот на јапонскиот менаџмент, се јавува еден нов феномен, кој на почеток ги збунува американските бизнисмени и им создава чувство на надеж. Можеби управувањето со квалитетот е вистинскиот рецепт за успехот. Тогаш, контролирањето станува многу важен принцип на менаџментот. Во секој погон се стават инспектори за квалитет. Се формираат политики за квалитет. Се формираат стратегии кои формираат стандарди со кои се мери квалитетот. Некогаш тоа се прави со мерење на вредности, мерливи карактеристики на производи, ако не може да се измери се компарира со извештаи. Цели тимови се специјално платени да се занимаваат со контрола и одржување на квалитетот на производот или услугата.

Но Јапонија, поразена, со целосно уништено стопанство смислува иновација. А тоа е новиот модел на контрола. Секој вработен, од генерален директор до портирот на влезот, се грижат за квалитетот. Се формираат познатите „кругови на квалитет“, каде членуваат сите вработени, се собираат после работа и дискутираат како го поминале денот, што се погрешило и идеи како да се поправи. Тие разменуваат искуства, и се трудат да го решат секој проблем што се јавува во организацијата.

Американците се враќаат збунети и им треба време да го воведат истото.

Но, денес на никого не му паѓа на памет да произведе конкурентен производ или услуга со среден квалитет.

Минатиот век главен бизнис модел било Управување со квалитет (TQM).

[5] *Innovation Scorecard: A Balanced Scorecard for measuring the value added by innovation*, Nelson Gama, Miguel Mira Da Silva, José Ataíde, стр.2

Денес новите бизнис модели се засноваат на иновативни тимови. Тие креираат нови производи и дизајни, наметнуваат нови потреби на купувачите. Во последно време веќе му е дадена шанса на секој вработен да дава нови идеи. Старите „кругови на квалитет“ се заменети со „иновативни кругови“ Разновидноста на мислењето е актуелна како и разновидноста на половите, расите, културите и етничката припадност. Разновидноста и дава моќ на иновацијата. Силиконската долина е пример на богатството на разновидни инженери од сите делови на Земјината топка со различни академски дисциплини.

Како што вели Грег Закари во својата книга „Глобалното Јас“, „Разновидноста ги дефинира здравјето и богатството на нациите во новиот век... мешањето е новиот стандард.. мешањето ја надминува изолацијата. Тоа предизвикува креативност, го храни човечкиот дух, го поттикнува економскиот раст и ги оспособува нациите“.

Иновацијата и промените во 21-виот век не се поврзани само со нови производи или услуги, нови производствени процеси или нови маркетинг стратегии или канали. Добро управувана иновација создава долгорочни предности кога таа иновација е базирана на нешто ново или создава нешто ново, на системски начин, содржана од голем број на процеси и методи, и најпосле резултира во нови производи или услуги на пазарот. Добро управувана иновација е интегрален дел од организациската стратегија и активности и креира нови бизнис стратегии (Wong, 2001; Hamel, 2006; Kaplan, 2003; Milbergs & Vonortas, 2005).[6] Организациите денеска мора да се натпреваруваат на основа на нивните бизнис модели истовремено вклучувајќи ги сите горенаведени плус финансиски договори, нови организациски структури итн. Битно е бизнис моделот постојано да се менува за да се држи чекор со конкуренцијата. Организацискиот бизнис модел е заедница на различни стратегии и тактики. Тоа е начин на кој фирмата делува. Очигледно, новиот начин на делување кој го подобрува пристапот до потрошувачите, ги намалува оперативните трошоци, обезбедува супериорен производ или маркетинг предност на организацијата над ривалите. Потоа, конкурентите може да го копираат новиот бизнис модел и да го вратат својот удел на пазарот или, пак, да воведат нов бизнис модел со кој на сличен начин ќе стекнат профит и зголемен пазарен удел.[7] И играта продолжува.

Многу извршни директори велат дека нивниот проблем не е недостигот на идеи, туку знаењето кои идеи се вистинските. Најчесто компаниите грешат кога многу брзо ќе се одлучат за тоа која идеја е „добра“ или „лоша“.

[6] *Innovation Scorecard: A Balanced Scorecard for measuring the value added by innovation*, Nelson Gama, Miguel Mira Da Silva, José Ataíde

[7] Morris. L,Permanent Innovation,Download Edition, 2006, стр. 47

Прашањето е како да се оцени една идеја која ќе и даде нова можност на организацијата.

Многу често, големите идеи предвремено се отфрлаат, со поставување на прашањето, „Колку е профитабилна оваа можност“. Колкави ќе бидат инвестициите. Колкави ќе бидат трошоците? Дали е изводлива идејата?

На пример, пред неколку години имаше на интернет објавено информација дека во потрага по енергија е добиено ново гориво за автомобили, биодизел, за кој беше дадена и детална рецептура. За сировина за производство беше предложено било какво растително семе од кое се добива масло за јадење, или пак масло кое се фрла како отпадок од фритези во fast food ресторанте. Лично сметав дека оваа идеја е брилијантна, но јас го немав производството на „Брилијант“. Во фирмата Лантан се направија експерименти кои дадоа многу добар биодизел. Исто така како нус производ на ова производство се добива глицерин, кој може добро да се продаде во фармацевтската индустрија.

Зошто овој производ не влезе во производство?

Поради големи двоумења, нема доволно инвестиции, опасно е, кој ли би го купил, кој е ризикот да се расипат автомобилите. Потребни се многу сертификати и најважно, потребни се големи инвестиции. Пред некој ден гледам на телевизија, во Струмица некоја мала фирма произведува биодизел и тоа со мобилна опрема.

Многу компании ги поставуваат овие прашања премногу рано, кога е невозможно да се одговори на нив. Секогаш треба да се има во предвид дека ниедна нова идеја не започнала како 90% сигурна работа. Затоа треба да се преземе ризик. Кој ризикува, тој добива. Не случајно една од најважните карактеристики на претприемачите е ризикот, пресметан ризик. Тука не е лошо да ја споменеме приказната од „Кој ми го украде сиренцето“, ликот Колебко. Новко е правиот човек за потрага по новите патишта.

Постојат многу идеи кои го сменила светот, но и такви кои му го олесниле или разубавиле животот на човекот. Значи иновацијата е инсталирање потреба кај човекот.

Можат да се набројат многу примери. Да почнеме од Dell, тој прв на пазарот му понуди на потрошувачот сам да си прави конфигурации на компјутерот. Дотогаш постоеја само унифицирани модели. Ако не беше така ниедна компјутерска фирма немаше да се развие, компјутерите ќе се продаваа само во стоковни куќи.

Комерцијалната он лајн продажба на E-bay и Пејпл, се навистина иновативни услуги. Денес од дома може да се нарача сè, а плаќањето е исто така сигурно за добавувачот. А како дошла идејата на E-bay? Тие продавале

разни работи преку огласи во весници, користени работи. Се продавало од гаражи од багажници во автомобили. Организирале лицитации. Тогаш Пјер Омидјар се сетил дека сето тоа може да се комбинира преку Интернет.

Во Македонија само Уни Банка се фати со овој предизвик и сеуште многу малку производи можат да се набават преку Интернет.

Идејата на Хенри Форд за сериско производство на автомобили, му дошла како имитација од линијата за сечење свињи, што Форд го видел во фабрика за пакување на месо во Чикаго.

Многу нови идеи се прифатени од купувачите на класичните производи кога се менува дизајнот. Денес дури и во нашето старо „Горење“ можат да се најде дизајнирана бела техника. Фрижидерите се прават од стакло и служат за украс, на дизајнерот Ито. Често на пазарот може да се најде цедалка за лимон во форма на скулптура на жена. Веќе и градежни објекти се во форма на птици, мост во вид на око, ограда на стадионот за Олимпијадата во Атина во вид на усна хармоника, кои се дела на архитектот Калатрава. Ја нема старата стереотипност, сè е ново, по пример на природата и човекот.

Епл прв понуди на пазарот совршен изглед на компјутери, во бои, со префинет дизајн. МП3 плеерот денес е заменет со iPod. А за понудата на услугите што ги нуди iPod-от или iPhone-от, Blackberry, секојдневно нудат нови можности, од комбинирање на облеката, до мерење и одредување на породилни болки.

Рецесијата секогаш завршува со нови револуционерни производи.

Бизнис модели во компании со нови пазари

Новите бизнис модели, често, доаѓаат надвор од индустријата или, пак, најмалку од лидерите во индустријата. Често, освојувачот е мала организација која е нов играч во индустријата. Или, пак, освојувачот може да биде аутсајдер на индустријата кој едноставно забележал подобар начин од претходниот.

Постојат три главни причини зошто новите бизнис модели доаѓаат однадвор.[8] Првата се нарекува технолошка кратковидост, односно фирмите се фокусираат само на сопствената технологија и континуираното подобрување на истата. Ова ја вклучува и нивната маркетинг технологија и повоопштено нивната технологија на менаџмент.

[8] A.Innovation and Imagination at work, 2nd Edition, by Australian Institute of Management, McGraw-Hill © 2004

Второ, пазарните лидери имаат тенденција да се фокусираат на постоечките клиенти, кои се чини дека го преферираат производот кој го добиваат. Но, сепак организацијата може да плаќа преголемо внимание кон постоечките потрошувачи. Лекцијата е: потрошувачите можеби не знаат што е можно, може да не знаат што сакаат, сè додека не им покажете и како група ги исклучуваат оние кои не го купуваат производот или услугата .

Трето, во поголемите фирми процесот на алокација на капиталот е негативен кон иновацијата. Во повеќето од нив постојат формални процеси за нови деловни идеи, но новиот производ или услуга мора да биде комплементарен на постоечкиот бизнис за да биде одобрен/а. Дополнително, синџирот на одобрување може да се движи сè до одборот на директори и единствено "не" може да го запре проектот. Брзината е битна за пазарот, но процесот на последователно одобрување го забавува напредувањето на проектите и ја намалува нивната шанса за успех кога ќе се појават на пазарот.

Според Renee Hopkins Callahan и Chuck Frey[9], можеме да ги користиме следниве правила како мапа со која ќе идентификуваме можности за приспособување на иновативните иницијативи на тековното економско окружување:

Планирање на можното идно сценарио за две до три години, преку кое ќе се евалвираат можните промени и исходи од финансиската криза. Финансиските, политичките и економските промени ќе се консолидираат и ќе создадат нови можности и ќе ги променат постојните пазари. На овој начин можат да се идентификуваат нови идеи и можности. Но, тука може да се појави проблем, поради несигурноста на иднината и ризикот поврзан со неа. Мудрата иновативна стратегија дефинира спектар на иницијативи кои би можеле да бидат многу важни во различни идни состојби, односно портфолио.

Затоа, препорачливо е да се подготвиме за повеќе можни сценарија преку истовремено развивање на стратешко портфолио на иницијативи и иновации. Со многу тековни проекти тимот за истражување и развој управува со портфолиото и така прашањето не е за постоењето на самото портфолио, туку неговата композиција. Ова се поврзува со следно наведеното правило, повторна комбинирање на иновативните иницијативи и иновации. Идејата дека портфолиото мора да биде блиску поврзано со организациската стратегија и е обележана со третата генерација[10] на практикување на професионално истражување и развој. Всушност, сржта на принципот на портфолио е кога ќе се случи промена на пазарот и вие ги имате вистинските одговори при рака можете да си заштедите недели, месеци дури и години,

[9] Callahan H., Frey C., Innovation strategies for global recession, A special report, 2008, стр. 2
[10] Philip A. Roussel, Kamal N. Saad, and Tamara J. Erickson. *Third Generation R&D*. Harvard Business School Press, 1991.

затоа што сте подготвени[11]. Од друга страна, пак, ако немате вистински одговор за пазарните промени можете да потрошите недели или месеци за што всушност се случува и што треба да сторите. На која позиција би сакале да бидете?

Прекројување на иновативното портфолио. Постојат четири типа на иновација: инкрементална, епохално откритие на производ и технологија, нови бизнис модели и нови потфати. При дизајнирање на портфолио треба да се донесе одлука колку напор и инвестиции да се алоцира на секој тип. Секоја иновација бара специфичен сет на процеси, инструменти и тимови кои се користат за во иднината. Организациите треба да се ослободат од долгорочните поризични програми и да ги пренамени слободните средства за краткорочни иницијативи кои имаат поголема веројатност за нивно случување. Фокусирањето треба да биде на оние идеи кои имаат најголем потенцијал. Многуте компании кои тврдат дека немаат ресурси, всушност имаат изобилство од ресурси и истите ги врзуваат за погрешни активности и проекти.

Зголемување на фокусот на потребите на потрошувачите. Опаѓањето на економските активности овозможува да се зајакне врската со потрошувачите и, следствено на тоа, да се унапреди нивната лојалност. Потрошувачите секогаш имаат проблеми за решавање дури и во рецесија. Самата рецесија елиминира некои работни места за кои потрошувачите претходно имале потреба, а истовремено создава и други. Потребна е инвестиција во време за да се открие како приоритетите на потрошувачите се промениле и брза промена на бизнис моделите со цел да се пресретнат нивните потреби. Повторно треба да се размисли за бизнисот кој првенствено е започнат заради потрошувачите. Како можете да ја елиминираме маката на потрошувачите од рецесијата? Како да им се помогне на потрошувачите за да не ги зголемуваат своите трошоци?

Зајакнување на позицијата на производите и услугите употребувајќи ја маркетинг иновацијата. На потрошувачите им е потребна гаранција дека го одбрале најдобриот добавувач за задоволување на нивните потреби. Сосема е сигурно како клучните потрошувачи ја одредуваат вредноста и како ја поврзуваат истата со производот, услугата и маркетингот. Организациите треба да се фокусираат на клучните потрошувачи и како нивните потреби еволуирале. Фокусот треба да биде на клучните потрошувачи и на нивните потреби кои еволуирале, но не треба да се запоставаат комплементарните пазари на оние кои веќе се потрошувачи, односно онаму каде што конкурентите се повлекуваат.

[11] William L. Miller and Langdon Morris. *4th Generation R&D: Managing Knowledge, Technology, and Innovation*. Wiley, 1999.

Барање можности за евтино тестирање на новите идеи. "Конструирајте, тестирајте и учете – евтино" е мантра која се предложува од експертите. Неуспехот што при тоа може да се доживее брзо и евтино, е придобивка.

Потребно е да се вклучи и да се биде отворен за нови извори на иновација. Организацијата треба да бара можности надвор од sидовите на фирмата за да го продолжи истражувањето и развојот, но со пониски трошоци и помал ризик. На пример, партнерство со други фирми кои понудуваат комплементарни производи и услуги е еден начин на делење на трошоците и ризиците и одржување на истражувањето и развојот низ опаѓањето на економската активност. "Една одлична организација, која работи сама, може да пронајде одличен производ. Три одлични организации, кои работат заедно, можат да трансформираат цела индустрија. Тие дури можат и да го променат начинот на кој луѓето ги разбираат и перципираат информациите."[12] Или како нашиот народ вели, „две глави мислат подобро од една".

Барање на креативни начини на проширување на постојните производи. Проблемот нема да се реши со намалување на цената туку со зголемување на вредноста на производот. Можеби решението е во побрза достава на производите? И овие решенија можат да се добијат преку "бура на идеи" и обезбедување на нови искуства на потрошувачите. Може да се размисли и за други потреби на постоечките производи. Ако вашите потрошувачи знаат дека вашите производи нудат поголема корисност отколку оние на конкурентите, најверојатно ќе ги купат вашите производи. Исто така, барајте инкрементални подобрувања на вашите производи за да значително им се зголеми вредноста со минимум дополнителни трошоци. Зошто производот не биде двапати поекономичен? Toyota го започна производството на хибридни коли во време на рецесија. Додека вашите конкуренти се плашат, не се сигурни или се сомневаат можете да воведете иновации кои не можат лесно да се имитираат. Намалувањето на цената ќе придонесе за намалување на перципираната вредност за производот од страна на потрошувачите и кога ќе заврши рецесијата ќе се очекува производот да има и помали трошоци. На пример, винска марка го продава својот производ со класично дизајнирано шише за $30. Ако оваа цена се намали за $10 потрошувачите ќе се чувствуваат измамено. Сепак, како маркетинг стратегија, сеуште постојат исклучоци како на пример, IPhone. Производот беше лансиран по цена од 600 $ и после еден месец неговата цена беше намалена на 400$. Иако првите купувачи протестираа за пониската цена, се чинеше дека функционира доста добро поради иницијално перципираната вредност, која што направи потрошувачите да се чувствуваат дека купуваат поголема вредност за пониска цена.

Односите со добавувачите. Многу компании, по навика, ги потценуваат нивните односи со добавувачите, но и нивната вредност. Ако се зголеми

[12] http://www.ibm.com/ibm/ideasfromibm/us/smartplanet/index.shtml

ефикасноста на соработката, логистиката и на другите елементи во добавувачката верига, шансите за успех се поголеми. Зацврстувањето на овие односи може да помогне побрзо да се закрепне кога пазарот ќе се подобри.

Испитување на закана. Потребно е да се идентификуваат постојните конкуренти кои можат да ја забележат тековната слабост на фирмата и да ја искористат како можност за здобивање со предности. "Лидерите во бизнисот имаат тенденција да ги игнорираат новите играчи затоа што нивните производи и бизнис модели се премногу едноставни за сериозно да се сфатат." Но, многу лидери нудат производи и услуги кои веќе ги "надминале" потребите на нивните клучни потрошувачи, кои, пак, можеби повеќе бараат основни, поевтини опции во време на рецесија.

Да се направи разлика помеѓу добри и лоши трошоци. Иновацијата и маркетингот се сметаат за добри трошоци, затоа треба да се инвестира во бура на идеи преку крос функционалните тимови за да се идентификуваат и редуцираат областите каде најмногу има загуби за да се остварат заштеди во трошоците? Умерено кажано, бидејќи обичните производи не се продаваат многу во рецесија, треба да се пронајде нов производ кој е иновација или нов начин за презентирање на стариот производ. Лошите трошоци се фиксните трошоци како на пример, административни или производни трошоци. Непродуктивното користење на машините имаат потреба од редовно одржување. Овие несакани трошоци можат да бидат надгледувани и елиминирани.

Заклучок

Идеите и иновацијата се најважната валута во секоја економија. Иновацијата е премногу важна за да се препушти на можноста. Бизнис лидерите во светот, не трагаат само по идеи, туку и по нови бизнис модели и партнери кои ќе им помогнат во засилувањето на иновацијата во систематски поглед.

Во поголемите фирми процесот на алокација на капиталот е негативен кон иновацијата. Во повеќето од нив постојат формални процеси за нови деловни идеи, но новиот производ или услуга мора да биде комплементарен на постоечкиот бизнис за да биде одобрена. Дополнително, синџирот на одобрување може да се движи сè до одборот на директори и единствено "не" може да го запре проектот. Брзината е битна за пазарот, но процесот на последователно одобрување го забавува напредувањето на проектите и ја намалува нивната шанса за успех кога ќе се појават на пазарот.

Во услови на рецесија, луѓето имаат намера да го намалат своето трошење, и купуваат поевтини производи на храна, апарати за домаќинства,

облека итн. Сепак, ова не значи дека тие престанале да дишат, тие не престануваат да купуваат, туку се здобиле со "рецесивна" навика за купување, што значи дека тие се повнимателни при купувањето. Тие би се потрудиле повеќе да купат нов и подобрен производ. Затоа треба да се произведе нов производ, можеби поефтин или полифункционален. Ако вашиот е застарен и неизменет, тие би го напуштиле. Поради тоа што, значително, се разликуваат пазарот со "рецесивни навики" и оној со високи потрошувачки активности, организациите можат да го загубат својот удел на пазарот за кратко време ако не почнат да делуваат како систематски иноватори.

Познати се два приоди на зголемување на профитот и создавање на витална конкурентска предност, првиот се однесува на краткорочно зголемување на профитот преку намалување на оперативните трошоци и ценовна конкуренција, и вториот пристап, односно долгорочно зголемување на профитабилноста преку диференцијација и креирање на иновации. Најчесто, организациите го следат приодот на намалување на цените, иако резултатите од примената на истиот исчезнуваат после две или три години. Следствено на тоа, иновацијата е единствениот извор на витална конкурентска предност, односно преку иновацијата, на долг рок, се креира поголема вредност за сите стеикхолдери. Економските пресврти не само што ја прават иновацијата поважна туку и процесот на иновација полесно се управува и трошочно е поефикасен за време на рецесија.

Поради тоа, прашањето не е дали да се иновира или не, туку како да се иновира? Како се бараат идеи што носат драстични промени, без да се преземат непотребни ризици со огромни размери? Како да се претворат „обичните" вработени во извонредни иноватори?

Бизнис климата во организацијата би требало да биде концентрација на секој вработен, како да ги восхити своите потрошувачи, како да се збунат конкурентите, како богато да се наградат акционерите. Тоа се постигнува доколку вработените се почитувани, менаџерите имаат доверба во нив, ги храбрат за секоја нивна идеја, заедно ја обработуваат и оценуваат, ги мотивираат.

Наспроти тоа ако менаџерите не им дозволуваат на своите вработени да мислат, туку ги плаќаат само да работат, зошто само тие знаат, во организацијата ќе завладее организациска култура која овозможува напредок или смрт на компанијата.

Литература

1. Australian Institute of Management, *Innovation and Imagination at work*, 2nd Edition, by, McGraw-Hill © 2004
2. [1] Андре Ив –Портноф, Иновативни патеки, превод од француски, Зоран Јовановски, Магор, Скопје, 2007
3. Philip A. Roussel, Kamal N. Saad, and Tamara J. Erickson. *Third Generation R&D*. Harvard Business School Press, 1991.
4. Morris. L,*Permanent Innovation*,Download Edition, 2006, стр. 42
5. Nelson Gama, Miguel Mira Da Silva, José Ataíde , *Innovation Scorecard: A Balanced Scorecard for measuring the value added by innovation*,
6. William L. Miller and Langdon Morris. *4th Generation R&D: Managing Knowledge, Technology, and Innovation*. Wiley, 1999.
7. http://www.ibm.com/ibm/ideasfromibm/us/smartplanet/index.shtml (06.03.2006)
8. Skarzynski, Peter, Gibson, Rowan, Innovation to the core,(Иновативни патеки), превод на македонски, Паблишер, Скопје,2009

658.8.012.12 : 338.124.2

Доц. д-р **Ленче ПЕТРЕСКА**

МАРКЕТИНГ СТРАТЕГИИ ВО УСЛОВИ НА РЕЦЕСИЈА

Апстракт

Во економијата, поимот рецесија претставува генерално забавување на економската активност во една земја за определен временски период, или намалување на деловниот циклус. За време на рецесија многу макроекономски индикатори варираат на сличен начин. Продуктивноста мерена преку Бруто Домашниот Производ (БДП), вработувањата, инвестициите, искористувањата на капацитетите, приходите во домаќинствата и бизнис профитите се намалува за време на рецесија. Обично, владите преземаат активности против рецесијата преку усвојување на експанзивни макроекономски политики, како што се зголемување на парите во оптек, зголемување на владиното трошење и намалување на даноците.

Маркетинг стратегии кои се опфатени подолу би можеле да бидат ефективни за време на рецесија доколку се соодветни за пазарот, и доколку можат да бидат имплементирани од страна на компанијата.

Клучни зборови: рецесија, маркетинг стратегии, бизнис

Вовед

Рецесијата претставува израз на економска криза која настанува со пореметување на побарувачката.Со рецесија се означува крај на развојната стопанска активност односно експанзија што дотогаш ја имало претпријатието.[1]

Во Европа, широко прифатена дефиниција на рецесијата претставува намалувањето на (БДП) бруто домашниот производ на државата за најмалку два квартали.[2]

Во САД пак, дефиницијата за економска рецесија е до одреден степен полабава – значително опаѓање на економската активност што се

[1] Јаќовски Б.;Циунова-Шулеска А.; Маркетинг менаџмент, Европски универзитет, Скопје,2008,стр

[2] http://www.mb-blog.com/Images/Recession_POV1_Final.pdf (11.12.2009)

протега низ економијата, кое трае повеќе од неколку месеци, нормално видливо во реалниот раст на бруто домашниот производ, реалниот личен доход, вработеноста, индустриското производство, и продажбата на трговијата на големо и мало.

Без оглед на тоа за која дефиниција станува збор, не постои сомневање дека како Европа, така и САД навлегле во рецесија.

На речиси сите пазари, побарувачката се стеснува, постои огромен притисок на добавувачите да ги намалат цените, пазарите се фокусирани во поголема мера на купување врз основа на цена, и профитните маргини се потиснати. Стравот од пропаст како резултат на рецесионите притисоци води, и продолжува да води кон сурови намалувања на буџетот, особено маркетинг буџетот (на пр. Marks & Spencer[3] го намалиле својот маркетинг буџет за 20% и FedEx го намалиле својот маркетинг буџет повеќе од 25%).

Зошто маркетарите го чувствуваат притисокот со намалената потрошувачка моќ кога е толку клучно време да се разберат потребите на потрошувачите и да се излезе во пресрет на истите, пред тие потенцијално да се напуштат?

Ако се земе во предвид дека најголем дел од бизнисите губат околу половина од своите потрошувачи на секои пет години, застрашувачка е помислата колку потрошувачи се изгубиле во изминатите неколку месеци само, како резултат на несигурната економија.

Маркетинг стратегиите и бизнисот

Маркетингот претставува средство за идентификување и задоволување на потребите на потрошувачите профитабилно и игра значајна улога во одржувањето на постоечките потрошувачи, како и за привлекувањето и освојувањето на нови.

Најпрофитабилните компании во рецесија се типично оние кои скицираат и извршуваат маркетинг стратегии успешно, но одлучувањето која маркетинг стратегија да се преземе не е лесна задача.

Се разбира дека секоја стратегија зависи од условите во кои што работи претпријатието, неговата организациска поставеност и ефикасност, средствата со кои располага итн.[4]

[3] Marketing Magazine, M&S slashes marketing budget 20% after poor Christmas sales, 7th January 2009

[4] Ристевска-Јовановска С.; Јаќовски Б.; Маркетинг, 9и, Економски факултет, Скопје, 2009,стр360

Покрај можноста да не се преземе ништо, најлошото што можат компаните да направат е да претпостават дека единствен начин да се излезе напред од кризата е да се намалат цените, па така тие ги занемаруваат останатите витални елементи на маркетинг миксот, потенцијално наштетувајќи му на имиџот на брендот и потценувајќи ја важноста од задоволувањето на потребите на потрошувачите.

Стегнатите економски услови го изостручаат фокусот на бизнисот и маркетинг стратегиите. Силните економии им дозволуваат на многу компании луксуз на попустливост и профитабилно дно кое некогаш може да се постигне и покрај нивните (не)акции. Понатаму, во подобри услови, компаниите може да достигнат ниво на профитабилност кое ќе ги залаже да веруваат дека стратегиите функционираат и никогаш нема да дознаат дека би можеле да бидат и многу попрофитабилни доколку преземеле друга стратегија.

Слика 1. Клучни разлики помеѓу маркетингот во поволни услови и за време на криза

Маркетинг во поволни услови	**Маркетинг за време на криза**
Долгорочен фокус	Краткорочен фокус
Максимизирање на профитот	Минимизирање на трошоците
Маркетинг од аспект на инвестиции	Маркетинг од аспект на трошоци
Маркетингот има широк опсег	Маркетингот има ограничен и тесен опсег
Водечка сила – бенефити	Водечка сила - трошоци
Водечка сила - можности	Водечка сила - продажба
Проактивен	Реактивен

Извор: Syrett M.; Successful Strategy Execution; The Economist/Profile Books, 2007, стр. 64

Вистинските маркетинг стратегии како резултат на тоа функционираат како осигурување од ризик, ги прават компаниите помалку ранливи на променливоста и нестабилноста на бизнис и економското окружување, а функционираат и како агресивна маркетинг алатка која обезбедува опстанок и ослободува потенцијални можности. Како што изјавил професорот од Харвард – John Quelch – Успешните компании не ги напуштаат своите маркетинг стратегии во услови на рецесија – ги прилагодуваат.

Дали може да се дозволи маркетинг?

Во услови на рецесија, маркетинг буџетот најчесто прв е погоден од црвеното пенкало на финансискиот директор.[5] Многу широко распространето верување меѓу не-маркетинг менаџментот е дека компаниите треба да го намалат маркетинг буџетот додека не дојдат подобри времиња. Ваков аспект е контра-интуитивен. Доколку постои вистинско време за намалување на маркетинг буџетот тоа е во добри времиња, кога продажбата е силна, побарувачката е висока, и потрошувачите се задоволни со производите/услугите кои ги добиваат. Времето да се инвестира во маркетингот е токму кога продажбата е опадната, побарувачката е бавна, и потрошувачите треба да се убедат за да купат.

Маркетарите не смеат да си дозволат да паничат и мора да го убедат менаџментот на компанијата дека маркетингот е суштинска инвестиција.

Треба да се разгледа фактот дека во услови на рецесија ниедна компанија не може да си дозволи да нема адвертајзинг.

Брендовите кои ќе продолжат и понатаму да издвојуваат средства за адвертајзинг исто така ќе извлечат користи од:

1. Благодарни сопственици на медиуми, кои страдаат најмногу од сите за време на рецесија. Партнерите во медиумите се најотворени кон преговори кога нивните компании кои спроведувале адвертајзинг преку нив си заминуваат и конкурентските стапки може да бидат затворени во иднина.
2. Демонстрацијата на доверба која самата ќе комуницира со вработените и потрошувачите и ќе и даде на компанијата граница.
3. Ефектот на множење, над оние од конкуренцијата кои го намалиле маркетинг буџетот.

Вообичаени реакции во услови на рецесија

Негативните последици кои се појавуваат во стопанството во услови на рецесија наложуваат потреба од брза реакција од страна на претпријатијата со цел елиминирање на негативните трендови.[6]

[5] Syrett M.; Successful Strategy Execution; The Economist/Profile Books, 2007, стр. 65

[6] Јаќовски Б.;Циунова-Шулеска А.; Маркетинг менаџмент, Европски универзитет, Скопје,2008,стр.149

Компаниите типично реагираат во услови на рецесија барем на еден од следниве начини: се обидуваат да се однесуваат нормално (инертност), ги намалуваат цените или ги намалуваат трошоците.

Инертност

Samli дискутира, дека доколку компаниите се однесуваат во реактивен или неактивен начин како одговор на рецесија, не бараат да им одговорат на неповолните околности на пазарот и на крајот заземаат фаталистички аспект од кој не преземаат ништо.[7] Ваков пасивен пристап на рецесионите притисоци е опасен, бидејќи покажува индиферентност на нестабилните пазари што опфаќаат потрошувачи кој најверојатно ќе отидат кај конкурентите со поатрактивни понуди.

Стеснувањето на побарувачката е значајно и издржано во услови на рецесија што за многу компании значи дека не можат едноставно да чекаат да помине бурата. Последователно многу компании се принудени да реагираат на некој начин. Конкурентските притисоци се зголемуваат значително во услови на криза при што секој се бори да ја одржи или зголеми својата потрошувачка основа. Компаниите кои нема да успеат во оваа борба ќе пропаднат.

Намалување на цените

Колапс во побарувачката може да води кон ценовна војна како што пазарите стануваат се посвесни за цената во услови на рецесија. Намалувањето на цените според тоа е вообичаена реакција на рецесионите притисоци бидејќи премногу добавувачи бараат премногу мала побарувачка, што значи дека цените се намалени.

Намалувањето на цените е најлесното краткорочно средство за да се придобие продажбата. Оваа потреба за моментално зголемување на продажбата е потенцирано од страна на Charan (2009). Изградбата на продажба за време на рецесијата е клучно, но тоа што не е јасно според Charan[8] е во врска со маркетинг трошоците бидејќи тој фаворизира инвесирање во продажбата отколку маркетингот.

Намалувањето на цените може повеќе да се смета за тактика отколку стратегија бидејќи е најчесто краткорочен курс на акција на која ќе и следи пораст на цената во брзо време. Опасно е во зависност од тоа колку компании ја намалуваат цената, имаат неосновано чувство за еластичноста на цената на нивниот пазар, т.е колку е чувствителен пазарот на цената. На пример проценето е дека во хемиската индустрија во 1991 година за

[7] Samli, Coskun A.; Counterturbulence Marketing; Quorum Books, 1993, стр 66
[8] Charan, R.; Leadership in the Era of Economic Uncertainty; McGraw Hill, 2009, стр. 173

просечна Европска компанија 1% опаѓање на цените ќе ги намали профитите исто како и 5% опаѓање на обемот.

Намалувањето на цените не е лек, особено ако станува збор за рефлексна реакција на долгорочниот стратешки одговор. Доколку го направат ова компаниите претпоставуваат дека нивните пазарни сегменти се купувачи водени од цена, што е опасна замка во која може да западнат. Потрошувачите навистина не купуваат исклучително врз основа на цената, туку врз основа на перцепираната вредност, т.е ремената помеѓу користите од производот или услугата и цената на истите.

Намалувањето на цените често претставува очаен обид на компаниите да генерираат продажба и да се одржуваат во борбата со конкуренцијата. Без ценова стратегија која е комерцијално звучна, намалувањето на цените може да ги намалат профитните маргини на фатално ниски нивоа.

Намалување на трошоците

Генерално, компаниите ја пребродуваат рецесијата со намалување на профитот. Многу компании страдаат многу тешко, на пр. Рецесијата во 1991 година значеше за Whirlpool и Renault намалување на профитот за 65%, и профитите на NatWest банката паднаа за 71%. Соочени со намалени профитни маргини, многу компании се присилени да ги намалат трошоците во обид да ја задржат готовината.

Финансиските притисоци ги тераат фирмите да ги намалуваат трошоците на широк опсег на инвестиции, како и нематеријалните трошоци како маркетинг, обука и истражување и развој. Кога економијата е во криза, многу трошоци на бизнисите како промоционални, продажба и истражување на пазарот, први се отстрануваат бидејќи тие не покажуваат материјални и моментални резултати. Уште повеќе во рецесиони економии компаниите се склони кон попречување на областите кои лесно може да се отстранат на краток рок.

Згора на тоа, ограничувањето може да биде опасно очигледно на пазарот, како што е влошувањето во услугите на потрошувачите, отсуството на продажни претставници, одложено време за достава или понизок квалитет на производот/услугата. Покрај недисциплинираната промена, искуството на потрошувачот со производот мора да продолжи да живее во насока на ветувањата на брендот, и менаџментот не смее да го жртвува својот имиџ и идентитет со поевтинување на својот производ.

Geroski и Gregg дискутираат дека предизвиците со кои се соочуваат компаниите во намалувањето на трошоците имаат суштински и потенцијално многу долгорочни ефекти врз перформансот на корпорацијата.[9]

[9] Geroski, P.A., Gregg, P.; Coping With Recession; Cambridge University Press, 1997, стр. 11

Навистина како што бизнис циклусот напредува и маркетинг активноста се намалува, позицијата на компанијата се влошува со опаднатата продажба и профитите кои се стеснуваат.

Samli нагласува дека оваа конвенционална мудрост на менаџментот кој не е поврзан со маркетинг во турбулентни времиња, допринесува значително за самата турбуленција која се одвива. Покрај тоа што со намалувањето на цените, намалувањето на трошоците може да биде фатален чекор, особено доколку трошоците кои се намалени, ги редуцираат мускулите на фирмата, наместо нејзиниот вишок.

Постои јасна потреба од проактивни маркетинг стратегии кои може да се одржуваат низ економските проблеми и кои резултираат со профитабилни исходи, наместо со break-even или со загуби.

Развивање на сопствена стратегија – фокусирање кон ефективна активност

Историските извештаи покажуваат дека во адвертајзингот со инвестирање во изградбата на брендот се намалува за сметка на директните и мерливите маркетинг дициплини каде повратокот на инвестицијата полесно се пресметува. Банка во САД за инвестиции открила дека во шесте рецесии од 1950та трошоците за директниот маркетинг фактички придонеле да пораснат.

Во неодамнешна анкета на маркетарите од В.Британија објавено е дека многу очекуваат алокација на потрошувачката во маркетинг активностите да се промени во наредната година, со онлајн, дигитален и директен маркетинг. Онлајн потрошувачката предвидено е да извлече најмногу користи од оваа промена со зголемување на буџетот на повеќе од половина од оние кои биле анкетирани. Повеќе од половина 36% предвидуваат дека нивната потрошувачка за директен маркетинг ќе порасне и 42% сметаат дека дигиталната потрошувачка ќе биде растечка. Маркетарите веруваат дека овој тренд во рамки на нивните компании ќе се рефлектира низ целата индурстија како маркетинг буџет низ сите сектори кои чувствуваат напор, 56% сметаат дека онлајн, и 48% сметаат дека директниот маркетинг ќе го заземе главниот дел на маркетинг бизнисот во 2009 година. Овие експерти потврдуваат неопходен одговор за ситуацијата, развој на нивните маркетинг стратегии за да и се помогне на компанијата да опстане. Развојот ќе биде на база на број на инпути:

- **Познавај ги своите потрошувачи**

  Во време на рецесија потрошувачите ќе имаат различни потреби за производи и променета перцепција за тоа што преставува вредност. Маркетарите не можат да си дозволат да претпоставуваат дека

сеуште ги познаваат своите потрошувачи и затоа истражувањето е витално за да се овозможи да се разберат нивните променети ставови. Инвестициите во истражувањето ќе помогнат да се дефинираат соодветни предлози и да се утврди ценовната структура која ќе ја охрабри продажбата.

- **Прилагодување на портфолиото на производи**

  Маркетарите во услови на рецесија ќе биде потребно повторно да го испланираат производниот опсег како одговор. Ова може да води кон нокаутирачки ефект врз производството и залихите. Портфолио планирањето може да извлече корист од истражувањето на потрошувачите.

- **Реалокација на маркетинг буџетот**

  Како дел од процесот на прилагодување на портфолиото на производот, маркетарите ќе биде потребно да ја разгледаат алокацијата на нивниот маркетинг буџет. Cash-cows и stars кои генерираат клучни приходи ќе обезбедат максимална маркетинг поддршка, додека недокажаните производи или оние со перспектива за низок – раст може да доживеат намалување на потрошувачката за маркетингот.

- **Птица во рака**

  Реалокацијата на буџетот треба да земе во предвид различен пристап кон таргетирањето. За време на рецесија, маркетарите ќе успеат да фокусираат повеќе внимание и напор на задржување на постоечките потрошувачи. Обезбедувањето на нови потрошувачи може да чини пет пати повеќе отколку да се задоволат и одржат тековните потрошувачи, додека 5% намалување во неисполнувањето на потребите на потрошувачите може да го зголеми профитот од 25 – 125%. Со конкуренти кои се најочајни за да ги регрутираат вашите потрошувачи ќе се исплати да се чека на тоа што вие го имате. За да се оствари тоа ќе биде потребна добра база на податоци.

- **Фрекфентен преглед на цената**

  Одржувањето на вистинскиот баланс помеѓу продажбата и маргините претставува деликатна работа во најдобрите услови. Ценовните точки за време на криза ќе бидат далеку повеќе нестабилни и ќе бараат постојано следење и прилагодување. Редовните и фрекфентни прегледи на сопствените и конкурентските цени е суштинско како што истражувањата за потрошувачите се подлабоки и влечат длабоки зделки.

- **Преглед на дистрибутивната основа**

  Осигурајте се дека вашите дистрибутивни канали се оние кои се комплементарни на прегледаниот производ и ценовни пристапи кои сте ги примениле. Ова може да биде време да се направат промени во мрежата или во дистрибутивниот модел. Во време кога бројките на извештаите се купуваат и истражуваат онлајн постои растечки тренд кон тоа да се донесат производите до потрошувачите, отколку да се бара од потрошувачот да дојде до продавницата за малопродажба.

- **Реафирмација на приказната за брендот**

  Еден аспект од маркетинг пристапот кој можеби не треба да се прилагоди е вашата позиција на брендот. За време на рецесија, доверливите брендови се оние кои добиваат предност пред новите брендови, па затоа тоа не е и најдобро време да се ангажира фирмата во ре-брендинг. Брендингот не се однесува само на бојата на вашето лого, сите силни брендови имаат задолжителна приказна која ги привлекува потрошувачите и вработените и ги одвојува од конкуренцијата. Така треба да се инвестира трудот во тоа да се утврди дека позицијата на брендот е јасна, интерно прифатена и разбрана и засилена во секој аспект на комуникацијата.

- **Не го игнорирајте интерниот маркетинг**

  Најсилниот имот на брендот се најчесто луѓето. За време на криза, вработените ќе бидат анкциозни во врска со сигурноста на работното место, помалку доверливи и затворени. Маркетарите имаат улога да овозможат охрабрување на отворена комуникација помеѓу менаџментот и кадрите и да се обезбеди дека вработените остануваат позитивни адвокати на брендот.

Современото претприемништво се појавува како динамична развојна комбинација на идеја, талент, капитал, знаење и ризик. Ова е нов социо-културен феномен кој овозможува создавање на способни луѓе во економската сфера. Во тој контекст, и суштината на претприемништвото е човечкиот капитал, затоа што во реалноста секој човек е потенцијален претприемач. Неговата успешност или неуспешност, покрај неговата индивидуална способност и работна среќа, првенствено ќе зависи од неговото окружување (општеството) и делокругот (претпријатието).

Доколку поединецот живее и работи во систем кој овозможува и стимулира човечки креативни дејности, тогаш се возможни претприемничката афирмација и успешната работа на долг рок многу повеќе отколку во системи каде тоа не е случај. Ако до сега се живеело во систем кој не стимулирал претприемнишво, треба да се најде влез во период на развивање на пазарна економија која по своите основни карактеристики ќе биде

претприемничка економија. Тоа подразбира изградба на инфраструктура за поддршка на широкото претприемничко окручување.

Потребата за креативно-иновациски активности и иновирање е трајна. Тоа е услов за економска успешност и развој на современо претпријатие.

Заклучок

За која и да се одлучи маркетинг стратегија компанијата во услови на рецесија, тоа е сепак еден од најтешките предизвици со кои се соочуваат маркетарите, а тоа е да ги убедат повисоките нивоа во менаџментот за вредноста на маркетингот и потребата да се инвестира во истиот особено во тешки времиња. Често е многу доцна за да се докаже стапката на повраток во длабочина на рецесијата кога менаџментот е опседнат со зачувување на готовина.

Маркетинг тимовите треба да докажат дека маркетингот како стратегиски пристап кон бизнисот е од огромно значење за компанијата особено во услови на рецесија.

Summary

Determining which marketing strategy the company will use in terms of recession, it is still one of the toughest challenges marketers could face and that is to persuade higher management levels in the value of marketing and the need to invest in it especially in difficult times.

It is often too late to prove the rate of return in the depth of the recession when the management is obsessed with preserving cash. Marketing teams need to prove that marketing as a strategic approach to business is very important for the company especially in terms of recession.

Литература

1. Boone L.;Kurtz. D.; Contemporary Marketing; The Dryden Pres, Harcourt Brace Collage Publishers,1995
2. Charan, R.; Leadership in the Era of Economic Uncertainty; McGraw Hill, 2009
3. Geroski, P.A.; Gregg, P.; Coping With Recession, Cambridge University Press, 1997

4. Јаќовски Б.; Ристевска-Јовановска С.; Основи на маркетинг, Европски Универзитет, Скопје, 2009
5. Јаќовски Б.;Циунова-Шулеска А.; Маркетинг менаџмент, Европски универзитет, Скопје,2008
6. Louis E.B.:,David L.K.; Contemporary Marketing; The Dryden Pres, Harcourt Brace Collage Publishers,1995
7. Marketing Magazine; M&S slashes marketing budget 20% after poor Christmas sales, 7th January 2009
8. Петреска Л.; Стратегиски маркетинг, Европски Универзитет, Скопје,2008.
9. Ристевска-Јовановска С.; Јаќовски Б.; Маркетинг, 9и, Економски факултет, Скопје, 2008.
10. Samli; Coskun A.; Counterturbulence Marketing, Quorum Books, 1993
11. Syrett M.; Successful Strategy Execution, The Economist/Profile Books, 2007

http://www.mb-blog.com/Images/Recession_POV1_Final.pdf (11.12.2009)

336.714

Доц. д-р **Александра СТАНКОВСКА**

СТРУКТУРА НА ФОНДОВИТЕ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ РИЗИЦИ (HEDGE FUNDS) И АЛТЕРНАТИВНИ ИНВЕСТИЦИОНИ СТРАТЕГИИ

Апстракт

Во современите услови на функционирање на меѓународниот финансиски пазар, фондовите за преземање ризици т.н. „монструми на финансиските пазари“, имаат активна улога во намалување на неизвесноста и менаџирање со пазарните ризици со цел да се заштити капиталот и да се генерираат приноси со користење на т.н. алтернативни инвестициони стратегии. Фондовите за преземање ризици се организирани во форма на партнерства и претставуваат инвестициона структура за менаџирање на приватно, нерегистрирано здружување на капитал од богати и софистицирани инвеститори.

Асортиманот на алтернативните стратегии е доста диверзифициран и секоја од стратегиите вклучува различен степен на ризик и износ на принос. Познавањето и разбирањето на карактеристиките, техниките и елементите на одделните стратегии е од клучно значење со цел да се капитализира од алтернативните инвестициони можности.

***Клучни зборови**: фондови за преземање ризици, инвестициона структура, партнерства и алтернативни стратегии.*

1. Структура и карактеристики на фондовите за преземање ризици

Фондовите за преземање ризици настанале во текот на шеесетите години од XX век, како тип на фондови преку кои инвеститорите се осигурале од постоечките пазарни ризици при инвестирањето. Имено, инвеститорот поголем износ од сопствените финансиски средства ги инвестира во одредена ризична трансакција од која очекува натпросечна добивка, меѓутоа, во исто време со цел да го „осигура“ номиналниот дел од финансиските средства, преку фондот за преземање ризици, ги вложува средствата во “сигурна”

трансакција, со што би ја амортизирал евентуалната загуба од првата трансакција.

Фондот за преземање ризици како и заедничкиот фонд претставува инвестиционен механизам што овозможува мноштво инвеститори да ги здружат сопствените финансиски средства и ангажираат професионални, иновативни менаџери – експерти за анализа и детерминирање на профитабилни инвестиции кои носат натпросечни приноси генерирани преку користење соодветни алтернативни стратегии.[1]

Фондовите за преземање ризици се карактеризираат со следниве елементи по кои се разликуваат од заедничките фондови и приватните пензиски фондови:

– не се регулирани од страна на Комисијата за хартии од вредност (SEC), додека заедничките фондови подлежат на овој вид регулација;

– инвеститорите во фондовите за преземање ризици мора да бидат акредитирани (accredited investors);

– наплатуваат провизии во зависност од перформансите на фондот (провизија за менаџмент изнесува 1% од активата и провизија за стимул е 20% од профитот);

– поагресивно користат левериџ и

– користат краткорочни инвестициони стратегии.

Постојат низа дефиниции за овој вид на фондови, но генерално прифатена дефиниција е следнава:[2] "под терминот фонд за преземање ризици (hedge fund)[3], се подразбира инвестиционен механизам што е приватно организиран, администриран од професионални инвестициони менаџери и не е достапен за поширокаta јавност„.


Фондовите за преземање ризици може да се дефинираат и како ограничени партнерства или како приватни инвестициони компании со ограничена одговорност или трустови. Членството во фондовите е ексклузивно и е ограничено на неколку богати и софистицирани инвеститори. Фондот ги поврзува приходите на менаџерите со перформансите на фондот и на тој начин ги привлекува најдобрите "мозоци" во инвестициониот бизнис.

Во рамките на САД, ваквиот тип на фондови (domestic funds) имаат форма на корпорации со ограничена одговорност, но во случај да се лоцира-

[1] Robert A. Jaeger, All about Hedge Funds, the Easy Way to Get Started, McGraw-Hill, USA, 2003, стр.33.
[2] "Report of The President's Working Group on Financial Markets on Hedge Funds, Leverage, and the Lessons of Long-Term Capital Management", "The President's Working Group Report",1999.
[3] фонд за хеџирање, односно фонд за осигурување од ризици.

ни надвор од националните граници (offshore funds), може да имаат различни форми на инвестициони компании.[4] Во споредба со заедничките фондови кои се структуирани како јавно – поседувани инвестициони компании, фондовите за преземање ризици се организирани како приватно – поседувани компании.

Слика 1. Карактеристики на национален фонд за преземање ризици




Извор: Joseph G. Nicholas, "Investing in hedge funds, strategies for the new market place", Bloomberg press, Princeton, USA, 2004, стр.48.

Мноштво од овој вид на фондови не се регулирани со законите за хартии од вредност, но се подложени на одредена регулатива со цел да се овозможи заштита на инвеститорите од можноста за измама. Во некои земји, фондовите не подлежат на одданочување (Кајманските острови, Британските девствени острови или Бахама).

[4] Во САД, мноштво од фондовите за преземање ризици се организирани во форма на ограничени партнерства. Клучниот партнер (поединец или корпорациски ентитет), чиј влог ги надминува преостанатите влогови е главен менаџер на фондот. Во САД, законите налагаат, мнозинство од инвеститорите во фондовите, да бидат акредитирани. Задолжително е, акредитираните инвеститори да генерираат минимална сума на профит и да имаат нето – вредност (net worth) над $ 1 милион. Станува збор за фондови на екстремно богати ентитети.

Инвестирањето во фондови за преземање ризици, организирано во форма на ограничено партнерство е поткрепено со следнава документациона подлога: меморандум, договор за ограничено партнерство и договор за учество (влог). Бидејќи офшор фондовите емитуваат акции, документационата подлога го исклучува договорот за ограничена одговорност. Меморандумот кај офшор фондовите содржи помалку информации за перформансите на фондот, во споредба со меморандумот на националниот фонд.

Слика 2. Карактеристики на фонд за преземање ризици лоциран во странство (offshore hedge fund)




Извор: Joseph G. Nicholas, "Investing in hedge funds, strategies for the new market place", Bloomberg press, Princeton, USA, 2004, стр.49.

Во контекст на инвестициите, законски е задолжително, фондовите за преземање ризици да ја детерминираат соодветноста на инвеститорот (на пример, дали фондот е адекватен за степенот на толеранција на ризикот од страна на инвеститорот и преференциите кон поставените инвестициони цели на дадена стратегија).

За подобро дефинирање на терминот фонд за преземање ризици, неопходно е да се да се разграничи терминот инвестициона структура од терминот инвестициона стратегија.[5]

Под терминот *инвестициона структура* се подразбира правен ентитет што овозможува здружување на финансиски средства кои се наменети за алтернативно инвестирање од страна на менаџерите на фондот за преземање ризици. Инвестиционата структура ја сочинуваат следниве елементи: бројот и видот на инвеститорите, правата и облигациите на инвеститорите, распределбата на профитот, отплатата, стапка на одаточување и поднесувањето на извештај.

Слика 3. Активен фонд на преземање ризици



Извор: Joseph G. Nicolas," Investing in hedge funds, strategies for the new marketplace", Bloomberg press, Princeton, USA, 2004, стр.34.

Под терминот *инвестиционен пристап* се подразбира *стратегија на фондот за преземање ризици* (hedge fund strategy) или алтернативна инвестициона стратегија (alternative investment strategy). Елементи на алтернативната инвестициона структура се: цел на инвестицијата, детерминирање на пазарните сегменти во кои се инвестира, финансиски инструменти што се користат и таргетирани приноси.

2. Стратегии на фондовите за превземање ризици

Постои широк спектрум на алтернативни стратегии (нелеверицирани и високо леверицирани) што ги користат фондовите за преземање ризици и карактеристично за нив е различноста во однос на приносите и ризиците.

[5] Joseph G. Nicholas, Investing in Hedge Funds: Strategies for the New Marketplace, , Bloomberg Press, USA, 1999, стр. 26.

Самите стартегии се комплексни и нивното правилно користење зависи од доброто познавање на елементите и техниките на инвестирањето што ги креираат одделните стратегии, структурата на финансискиот пазар, карактеристиките на одделни финансиски инструменти, портфолио менаџментот, корпоративните финансии и левериџот.

Приносите генерирани од класичната стратегија купи – продај (short/long) се релативни во однос на пазарните индекси, додека алтернативните стратегии што ги користат фондовите за преземање ризици генерираат апсолутни приноси. Потребно е да се потенцира дека кај овој вид на фондови постои минимална корелација со традиционалните видови на финансиски инструменти и приносите се квалификуваат како неограничени (absolute), бидејќи се независни од релативниот долгорочен принос генериран на пазарот за хартии од вредност, односно не се директно поврзани со пазарен или берзански индекс.

Предвидувањето на идните резултати од секоја стратегија зависи од степенот на корелација на неизвесноста и изложеноста на неизвесност за секоја дадена стратегија. Идните перформанси на стратегиите со висок степен на неизвесност се помалку предвидливи, во споредба со идните перформанси на стратегиите за кои е карактеристично ниско или умерено ниво на неизвесност.

2.1. Елементи на алтернативните стратегии

Алтернативните стратегии содржат различни *елементи* и нивното познавање е од витално значење за ефикасна примена на дадената стратегија. Класификацијата на стратегиите според елементите што ги содржи, може да се изврши на повеќе начини и не постои стандардизирана унификација на начинот за класификација на стратегиите.

Најчесто се применуваат следниве елементи според кои се врши класификација на стратегиите: [6]

1. *Алатки и техники*: левериџ, куса продажба (short selling), хеџирање и арбитража;

2. *Инструменти и пазар:* акции, обврзници и финансиски деривати;

3. *Перформанси:* апсолутен принос (absolute return) и принос прилагоден на ризикот (risk – adjusted return);

4. *Извори на принос*: анализа, инкорпорирање на сите расположливи информации, диверзификација (multi-manager, multi-strategy, multi-fund,

[6] ibidem, стр. 62.

multi-market), лимитирани позиции, куповни/продажни цели, лимити за стопирање на загуба и

5. *Контрола на ризикот* – неизвесност и степенот на изложеност на неизвесноста (directional, market neutral): се користат различни стратегии за хеџирање.

2.2. Карактеристики на одделни стратегии на фондовите за преземање ризици

Генерално, алтернативните стратегии се класифицираат во три групи:[7]

1. стратегии базирани на арбитража (arbitrage strategies);
2. пазарно раководени стратегии (directional strategies) – се базираат на приноси генерирани од движењето на состојбата на пазарот и
3. стратегии базирани на настан (event driven) – генерираат профит од ексклузивни настани.

Како дополнение, постојат и други класификации на стратегии, како на пример, мултиплицирани стратегии (multi – strategy), кои што применуваат повеќе стратегии во рамките на фондот или група на стратегии кои ги користат перформансите на пазарите во развој (emerging market) кои што се ползуваат во специфични региони.[8]

Класификацијата на алтернативните стратегии може да се изврши и според следниве елементи:[9]

1. *Стил*: на глобално макро ниво (global macro), пазарно раководени (directional), базирани на ексклузивни настани (even driven), арбитража (arbitrage, relative value), менаџирани фјучерси (managed futures, CTA);

2. *Пазар*: за акции, хартии од вредност со фиксни приноси, девизи и стоки;

3. *Инструменти*: купување/продавање (long/short), опции, фјучерси и свопови;

4. *Изложеност*: пазрно раководени (directional) и пазарно неутрални (market neutral);

5. *Сектор*: пазари во развој (emerging market), технологија, фармација итн.

[7] www.magnum.com/hedgefunds/strategies.asp (10.06.2009).
[8] richard-wilson.blogspot.com/2008/03/hedge-fund-strategy.html (23.06.2009).
[9] www. hedge funds/Hedge_fund.htm (10.07.2009).

6. *Методи*: раководени/квалитативни (directional/qualitative) – индивидуалните стратегии се избрани од страна на менаџерите, систематични/квантитативни (systematic/quantitative) – инвестициите се селектирани според математички модели со користење на компјутеризирани системи.

2.2.1. Стратегии базирани на арбитража

Стратегиите базирани на арбитража генерираат принос врз основа на ценовната разлика меѓу одделни сегменти од финансискиот пазар. Во праксата може да се сретнат и под терминот *пазарно неутрални (market neutral) стратегии* бидејќи со нив се избегнува пазарниот ризик, типично со примена на процесот на хеџирање. Со цел да се процени пазарната неутралност, првенствено е неопходно да се специфицира ризикот што треба да се избегне. Во групата на алтернативни стратегии се вклучени следниве стратегии:

– Арбитража на фиксен принос (fixed income arbitrage) – ја искористува пазарната имперфекност помеѓу поврзани хартии од вредност со фиксен принос;

– Капитална пазарна неутралност (equity market neutral) – арбитража на акции и се неутрални поради одржувањето на рамнотежа помеѓу позициите за продажба и за купување (short & long position);

– Конвертибилна арбитража (convertible arbitrage) – се базира на ценовна разлика помеѓу конвертибилните хартии од вредност со соодветната акција;

– Хипотекарни хартии од вредност (asset-backed securities) – стратегија базирана на арбитража на фиксен принос со користење на хипотекарни хартии од вредност;

– Фиксен принос на корпорации (fixed income corporate) – стратегија на арбитража со користење инструменти со фиксен принос;

– Статистичка арбитража (statistical arbitrage) – акциска пазарна неутрална стратегија со примена на статистички модели;

– Кредитни позиции за купување и продавање (credit long / short) – долги и куси позиции со акции, но реализирани на пазарот за кредити, наместо на пазарот за акции;

– Арбитража на неизвесноста (volatility arbitrage) – ги ползува промените на имплицитната неизвесност наместо промената на цените;

– Алтернативни приноси (yield alternatives) – арбитража на променлив принос, односно стратегии базирани на доспеаноста на инструмент, наместо цената на инструментот;

– Мултиплицирана стратегија (multi strategy) –диверзификација со користење на различни стилови со цел да се намали ризикот.

Кај овој вид на стратегии, менаџерите користат математички модели, фундаментална или техничка анализа со цел да ги детерминираат и искористат разликите во цените на соодветни финансиски инструменти.

2.2.2. Пазарно раководени стратегии – пазарно неутрални стратегии

Пазарно раководените стратегии или т.н. пазарно неутрални стратегии (equity market neutral) претставуваат портфолио од статистичко – арбитрирани стратегии, каде што постои баланс помеѓу позициите за купување и продавање на акции.[10] Користат софистицирани квантитативни и квалитативни модели за селекција на акциите во кои се инвестира. Со самото балансирање на позициите за купување и за продавање, пазарно неутралните стратегии го заштитуваат портфолиото од неочекувани настани, пазарен пресврт што може да влија врз вреднувањето на пазарот за акции. Во оваа група на стратегии се вбројуваат следниве:

– Купување/продавање акции (long/short equity, equity hedge) – позиции за купување на акции, хеџирани со куси позиции за продажба на акции или опции за берзански индекс за акции;

– Пазари во развој (emerging markets) – специјализирани за одделни пазари во развој (Кина, Индија и сл.);

– Сектор фондови (sector funds) – стратегии специјализирани за дадени области: технологија, биотехнологија, генетика, фармација, енергија итн;

– Фундаментален раст (fundamental growth) – инвестирање во компании со повисока стапка на заработка во однос на пазарот за акции;

– Фундаментална вредност (fundamental value) – инвестирање во потценети компании;

– Тенденција на продажба (short bias) – инспирирани од ценовното опаѓање на пазарот за акции со користење на позиции за продажба и

[10] Joseph G. Nicholas, Investing in Hedge Funds: Strategies for the New Marketplace, , Bloomberg Press, USA, 1999, стр. 106.

– Мултиплицирани стратегии (multi-strategy) – диверзификација со користење на различни стилови со цел да се намали ризикот.

Пазарно неутралните стратегии генерираат принос од способноста на математичките моделите да изберат преценета и потценета акција, во зависност од движењето на состојбата на пазарот.

2.2.3. Стратегии базирани на ексклузивен настан

Стратегиите базирани на ексклузивен настан се користат во специјална ситуација, односно се активираат со цел да се профитира од ценовната разлика предизвикана од антиципиран специфичен корпоративен настан:

– Девалвирани хартии од вредност (distressed securities, distressed debt) – специјализирана стратегија што се применува кај тргување со хартии од вредност по дисконт, емитувани од компании каде што постои можност од потенцијално банкротство, реорганизација или преструктуирање;

– Арбитража на спојување (merger arbitrage, risk arbitrage) – профитира од разликите во цените кај компании кои се спојуваат;

– Специфични ситуации (special situations) – стратегии кои се специјализирани за преструктуирање на компании или компании вклучени во корпоративни трансакции;

– Регулација Д (regulation D) – стратегија специјализирана за приватен капитал;

– Стратегија активист (activist) – заземање големи позиции во компании со цел да се биде активен во корпоративниот менаџмент;

– Стратегии на глобално макроекономско ниво (global macro funds) – настојуваат да ги антиципираат макроекономските настани на глобално ниво, користејќи ги сите пазари и инструменти со цел да се генерира профит:

- ♦ Дискрециона стратегија (discretionary macro) – тргувањето се базира врз основа на перцепциите на инвестиционите менаџери, наместо истото да е реализирано врз основа на софтвер,
- ♦ Систематична стратегија (systematic macro) – тргувањето се базира на математички модели, реализирано со софтвер, без човечка интервенција,
- ♦ Консултативни стратегии (Commodity Trading Advisors – CTA, Managed futures, Trading) – фондот тргува со фјучерси или опции на пазарот за стоки,

♦ Планирано диверзифицирана стратегија – фондот тргува на диверзифицирани пазари,

♦ Валутни стратегии (systematic currency) – фондот тргува на девизен пазар,

♦ Следење на трендот (trend following) – обид на фондот да профитира од долгорочни и краткорочни трендови и

♦ Отстапување од трендот (non-trend following, counter trend) – обид на фондот да генерира профит од антиципирањето на спротивниот правец од трендот.

Генерално, стратегиите базирани на ексклузивни настани се дизајнирани со цел да ги детерминираат ценовните движења генерирани од значаен корпоративен настан: спојување, фузионирање, реконструкција, преструктуирање, аквизиција, банкротство или ликвидација на компанијата. Овој вид на стратегии, вклучуваат арбитража на спојувањето (merger arbitrage) и менаџерот отвара позиции за купување и продавање на акциите од компаниите кои влегуваат во процесот на фузионирање или друг вид на трансакција, со цел да се генерира профит ако се реализира договорената трансакција.

2.2.4. Други видови алтернативни стратегии

Покрај претходно наведените групи на стратегии, постојат и следниве алтернативни стратегии што ги користат фондовите за преземање ризици:

– Фонд на фондовите за преземање ризици (fund of hedge funds) – фонд со диверзифицирано портфолио од бројни фондови за преземање ризици;

– Фонд на фондот на фондовите за преземање ризици (F3, F cube) – фонд инвестиран во други фондови на фондовите за преземање ризици;

– Бројни стратегии (multi strategy) – фондот преку комбинации на различни алтернативни стратегии е насочен кон намалување на пазарниот ризик;

– 130 – 30 фондови (130-30 funds) – нехеџиран фонд за акции со 130% позиции за купување и 30% позиции за продавање, изложеност на пазарот е 100 % и

– Фондови што генерираат апсолутен принос, единствено од позиции за купување – исклучени се позициите за продавање, но се вклучени финансиските деривати.

Заклучок

Развојот на нови сегменти од финансискиот пазар, технолошкиот напредок и развојот на нови финансиски инструменти се клучните причинители за зголемувањето на потребата од софистицирани инвеститори. Финансиските фјучерси се креирани во 1970 година, хипотекарните хартии од вредност во 1980-тите години, додека Рускиот пазар во развој е креиран во 1990-тите години. Променетата архитектура на финансискиот пазар и развојот на нов вид финансиски инструменти креираа комплексност и ценовна неизвесност што резултираа во профитабилни инвестициони можности со дизајнирање и користење на т.н. алтернативни стратегии.

Бидејќи, заедничките фондови се регулирани на високо ниво, во современите услови на стопанисување не можат да користат одредени инструменти и инвестициони техники (левериџ и тргување со деривати) со цел да генерираат натпросечен профит од алтернативните инвестициони можности. Со цел да се искористи пазарната имперфектност, развиени се нов вид на фондови кои што профитираат од неизвесноста и се т.н фондови за преземање ризици. Фондовите за преземање ризици користат нетрадиционални техники и инструменти со цел да се заштити вредноста на капиталот и да се профитира со антиципирање на ценовните промени на финансискиот пазар.

Summary

The term “Hedge Fund” is derived from the practice of investment managers who would take long positions in various securities and then “hedge” against the risk of a general market decline by taking short positions in other securities. Today, the term usually refers to private investment vehicles that may utilize a wide range of investment strategies and instruments. Hedge fund describes an investment structure for managing a private unregistered investment pool. These funds may use short positions and derivatives, utilize leverage and charge incentive based fees. Normally, they are structured as limited partnerships, LLCs (limited liability corporations) or offshore investment companies.

Hedge funds are a subset of the alternative investment asset class. There are approximately 14 distinct investment strategies used by hedge funds, each offering different degrees of risk and return. Knowing and understanding the characteristics of the many different hedge fund strategies is essential to capitalizing on their variety of investment opportunities. Alternative investments play an increasingly important role for many investors. With typically low correlation to public security strategies, alternatives can add greater diversification and a wider range of return opportunities. Based on the current usage of the term,

hedge funds are no more than commingled pools offered to a limited number of investors with the manager of the fund receiving an incentive fee based on the fund's performance.

Литература

1. Daniel A. Strachman, The Fundamentals of Hedge Fund Management: how to successfully launch & operate a hedge fund, Wiley Finance, USA, 2007.
2. Filippo Stefanini, Investment Strategies of Hedge Funds, Wiley Finance, USA, 2006.
3. Joseph G. Nicholas, "Investing in Hedge Funds, Strategies for the New Market Place", Bloomberg press, Princeton, USA, 2004.
4. Greg N. Gregoriou, Georges Hubner, Nicolas Papageorgiou & Fabrice Douglas Rouah, Hedge Funds: Insights in Performance Measurement, Risk Analysis & Portfolio Allocation, Wiley Finance, 2005.
5. Greg N. Gregoriou, Funds of hedge funds, Performance, assessment, diversification & statistical properties, Elsevier Finance, 2006.
6. Robert A. Jaeger, All about Hedge Funds, the Easy Way to Get Started, McGraw-Hill, USA, 2003.
7. "Report of The President's Working Group on Financial Markets on Hedge Funds, Leverage, and the Lessons of Long-Term Capital Management", "The President's Working Group Report",1999.
8. www.magnum.com/hedgefunds/strategies.asp
9. richard-wilson.blogspot.com/2008/03/hedge-fund-strategy.html
10. www. hedge funds/Hedge_fund.htm

331.5(497.7)

Доц. д-р **Емилија СТЕВАНОВСКА**

ПАЗАРОТ НА ТРУД И НЕВРАБОТЕНОСТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Апстракт

Невработеноста во Република Македонија според својот карактер е структурна со примеси на циклучна невработеност. Причините за високата стапка на невработеност своите корени ги влечат од самоуправниот модел на вработување во осумдесеттите години и неадекватната побарувачка на труд во времето на транзицијата. Основните правци на дејствување на економската политика за ублажување на овој проблем се огледаат во преземање мерки кон подобрување на претприемничката и инвестиционата клима и во реформирање на пазарот на труд во насока на водење селективна политика со активни програми за зголемување на неговата флексибилност.

Клучни зборови: *флексибилност на пазарот на труд, невработеност, природна стапка на невработеност, сиромаштија, социјална политика, економски раст, претприемништво, инвестиции, активни мерки за вработување.*

Вовед

Пазарот на труд претставува составен дел на економскиот систем на секоја земја. Пред да изведеме заклучоци за функционирањето на пазарот на труд во македонското стопанство, ќе дадеме краток опис на макроекономската клима во Република Македонија во периодот од осамостојувањето до денес. Како прво, економскиот систем на Република Македонија, по постулатите на современата макроекономска анализа, сеуште се наоѓа во фазата на транзиција, и кај дел од пазарните сегменти, сеуште недостасува организацијата врз пазарните принципи. Развојот на стопанството, од самото осамостојување на Република Македонија, претрпува и шокови под дејство на неекономски фактори (воените и бегалските кризи). Стабилизирањето на високата инфлација и падот на БДП, неминовно беа платени со висока стапка на невработеност.

Република Македонија е мала економија и манифестира исти карактеристики како останатите мали земји во транзиција, меѓу кои најважни при анализата на пазарот на труд се:

• Лимитиран домашен пазар со мала популација.

• Високи трошоци на јавната администрација. Трошоците пер цапита за давање јавни услуги во една мала економија, како што е Република Македонија, по правило се релативно високи.

• Високо присуство на државата во економските активности. Државата поседува сопственост во ресурсите, инфраструктурата и земјиштето, како и во некои индустриски објекти. Инволвираноста на државата во економската сфера креира неефикасности, кои од една страна ги зголемуваат трошоците на приватниот сектор, а од друга вршат индиректни опструкции на растот.

• Проблематична клима за странските инвеститори. Факторот на ризик во Република Македонија за странските директни инвеститори се огледа во: несигурната гео-политичка средина, комплицираната регулатива, несигурните договори и високата корупција.

• Ограничени претприемнички способности. Новите сопственици на претпријатија се соочуваат со недостаток во менаџерските и претприемничките вештини за брзо прилагодување на промените на пазарот.

• Сива економија. Неформалниот сектор во Република Македонија е голем. Се проценува дека истиот зафаќа околу 40-45% од официјалниот БДП. Вработеноста во овој сектор се проценува дека зафаќа околу 60% од официјалната вработеност. Продуктивноста на претпријатијата кои работат на „црно“ е ниска, нивните хоризонти се краткорочни, а инвестирањето во човечкиот капитал е ограничено.

Основни карактеристики на македонскиот пазар на труд

Дали пазарот на труд во Република Македонија целосно потфрли од деведесетите години до денес? Кои беа задачите на институциите на трудот и политиките на вработување за подобрување на перформансите? Какви акции на полето на пазарот на труд треба да преземе Владата за сузбивање на проблемот на високата и перзистентната невработеност? Анализите покажуваат дека невработеноста во Република Македонија не е последица само на реконструкцијата за време на транзицијата, туку наследство од декадите на недоволна побарувачка за работна сила.

Воспоставувањето на рамнотежата помеѓу понудата и побарувачката на пазарот на труд во Република Македонија е мошне отежнато и претставува подолготраен процес заради тоа што постои огромна понуда, а

мошне мала побарувачка на работна сила. Треба да се нагласи дека процесот на транзиција уште повеќе ја заостри и онака постоечката неусогласеност меѓу овие две големини и доведе до рапидно зголемување на невработеноста во државата. Меѓутоа, битно е да се нагласи дека во услови на економска стагнација и на дејствување на бројни ограничувачки фактори за динамизирање на развојот, можностите за зголемување на побарувачката на работна сила се релативно мали во споредба со големината на нејзината понуда. Оттаму, неопходно е поттикнување на економските активности со што би се овозможила и поголема апсорпција на работната сила. На страна на понудата на работната сила, за да може да се обезбеди поголема флексибилност, потребно е преземање на повеќе мерки и активности кои ќе овозможат нејзино поголемо ангажирање. Оттаму, заради подигање на квалитетот на работната сила потребно е одредено стручно оспособување во вид на доквалификации и преквалификации, постојано надградување на образованието, вештините и сл.

За големите нарушувања меѓу понудата и побарувачката на пазарот на трудот влијаеше и функционирањето на неформалниот пазар на работна сила. Тој до одреден степен имаше позитивно влијание врз релаксирањето на постојните тензии, но истовремено оставаше и негативни последици. Експанзијата на сивата економија отвори широк простор за бројни манипулации во ангажирањето на работната сила. Тие се однесуваат на запоставувањето на основните права кои произлегуваат од работниот однос како што се пензиско, здравствено и социјално осигурување потоа експлоатација на вработените во поглед на несоодветни плати и продолжено работно време и сл. Иако овој вид на вработување во одредени услови претставува единствен начин за решавање на егзистенционалните проблеми, сепак неговото функционирање на подолг рок може да има неповолни последици како на индивидуално ниво, така и врз општеството во целина. Притоа треба да се напомене дека целосното елиминирање на облиците на сивата економија и функционирањето на неформалниот пазар на работна сила речиси е невозможно. Светското искуство и досегашните сознанија за функционирањето на сивата економија се повеќе ги издвојуваат овој феномен како глобален проблем.[1]

Општи карактеристики на пазарот на работна сила во Република Македонија се ниска стапка на активност, висока и перзистентна невработеност, како и релативно ниска стапка на вработеност. Нискиот раст на вработеноста во најголем дел ја отсликува неефикасноста на побарувачката на пазарот на труд, особено на приватниот сектор. Подобрувањата на пазарот на труд и слабиот раст на вработувањата на работна сила во Република Македонија е резултат на перформансите на ново креираните претпријатија, повеќе отколку старите претпријатија кои се „оставени на преживување“.

[1] Пилиќ-Ракич, В., Глобални проблем (Сива економија), Београд, 2006 год., стр.24.

Невработеноста е еден од најтешките економски и социјални проблеми со кој што денес се соочува Република Македонија. Повеке деценискатa релативно висока невработеност, која беше присутна уште во времето на социјалистичкиот систем, во текот на изминатите дваесеттина години односно за време на транзицијата на општествениот систем забележа растечки тренд и достигна загрижувачки размери. Во Република Македонија постои ситуација на прифаќање на невработеноста како „резидуална величина“ на реформите. Во отсуство на конкретни резултати од реформите мерени со оживување на стопанските активности и повисоки стапки на раст, факторот - работната сила, се покажува како крајно изобилен ресурс. Решенијата наместо да се бараат во економската сфера тие се бараат во социјалната сфера. Се прифаќа клима на немоќ за решавање на проблемот на невработеноста. Во отсуство на долгорочен пристап, невработеноста остана најсилниот и најзагрижувачки проблем во македонската економија.


Невработеноста во државата не може да се оцени ниту како циклична, ниту како фрикциона, туку може исклучиво да се окаракеризира како структурно - развојна, пред сé заради нејзината изразено долгорочна присутност, што е последица на долгогодишниот недоволен економски раст и немоќта на економијата да го активира поголемиот дел од невработените лица.

Влијанието на демографскиот фактор, врз формирањето на работната сила во иднина, значително ќе се намали. Но досегашните промени во обемот и структурата на работната сила, особено во поблиска иднина - на среден рок, ќе имаат неповолни импликации, со оглед на огромниот пораст на бројот на лицата кои бараат вработување, а се уште ограничените можности за нивно економско активирање. Понатамошното зголемување на невработеноста ќе биде условено од сеуште незавршеното преструктуирање на економијата, потоа се понагласената потреба од технолошкиот напредок, што е неопходно за остварување на повисока продуктивност на трудот, во услови на процес на глобализација и пораст на конкурентноста на светските пазари.

Бројот на невработените лица, евидентирани во Агенцијата за вработување во последните неколку години значително го надминува оценетиот број невработени според Анкетата за работна сила. Причините за разликата, која е особено потенцирана од 1999 година наваму, првенствено треба да се бараат во законските можности за остварување на одредени правила по основ на невработеност. Поголемата мотивираност за пријавување како невработен во Агенцијата за вработување во Македонија произлегува од тоа што статусот невработен кај нас обезбедува повеќе социјални права. Имено, Агенцијата за вработување плаќа придонеси за пензиско и инвалидско осигурување за сите регистрирани невработени кои се корисници на паричен надоместок. Освен тоа, сите регистрирани невработени лица стекнуваат право на здравствено осигурување, доколку истото не можат да го обезбедат по некоја друга основа или добивање на социјална парична помош. Во вакви

околности значителен број од оние кои работат во неформалниот сектор, како и дел од активното население во земјоделството се пријавуваат во Агенцијата за вработување. Кога тие ќе се додадат на лицата кои навистина бараат работа се добива нереална слика за бројот на невработените во државата. Неспорен е фактот дека значителен дел од невработените, кои се регистрирани во Агенцијата за вработување, активно не бараат работа. Од горенаведеното, произлегува констатацијата дека за да се добие пореална слика за бројот на невработените во Република Македонија, неопходно е преземање на одредени мерки за издвојување на лицата кои се пријавуваат само за остварување на правото на здравствена или социјална заштита и оние кои вистински бараат работа. За таа цел, неопходна е промена на законската регулатива. Доколку невработеноста не биде основ за остварување на споменатите права, може да се очекува значително намалување на бројот на невработените. Иако се смета дека Анкетата за работната сила претставува поверодостоен извор на податоци во врска со невработеноста и вработеноста во земјата, сепак и таа има одредени недостатоци на кои треба да се обрне внимание.

Слика 1. Евидентирани невработени лица,кои се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на здравствено осигурување



Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија, Пазар на труд, Соопштение бр. 2.1.8.07 (2008) стр.10

Покрај влијанието на значителниот пад во економската активност и мошне ниско ниво на инвестиции, мора да се потенцира фактот дека високата стапка на невработеност во Република Македонија влече корени уште од предтранзициониот период во кој постоеше отворена невработеност.

Имено, регистрираната невработеност во Република Македонија се зголемуваше од раните шеесетти години, задржувајќи се на околу 25% во времето на осамостојувањето, со позначително забрзување на растот на невработеноста во средината на деведесеттите години. Оттаму, може да се заклучи дека невработеноста во Република Македонија не се должи примарно и исклучиво на преструктуирањето на економијата во периодот на транзиција и намалената економска активност, туку пред сé е резултат на долгорочната недоволна побарувачка за работна сила. Исто така е битно да се напомене, дека дел од зголемувањето на регистрираната невработеност во држават се должи токму на фактот што невработените лица своето здравствено осигурување го обезбедуваат токму преку јавните служби за вработување. Тоа доведе до појавата одреден број на лица да се регистрираат како невработени со цел да остварат право на здравствено осигурување, иако реално не ги исполнуваат критериумите да бидат третирани како невработени т.е. активно не бараат вработување или се веќе вработени во неформалниот сектор.

Постои значителна разлика меѓу официјално регистрираната невработеност и вработеноста евидентирана во различните истражувања за работна сила. Освен административни и методолошки причини, оваа голема разлика ја рефлектира вработеноста на работниците кои не се пријавени од нивните работодавачи или работниците во нерегистрираните претпријатија (неформалниот сектор). Овие разлики се особено големи во земјоделскиот сектор, трговијата, туризмот и приватните услуги.[2]

Република Македонија спаѓа во групата транзициски земји со највисок удел на неформалниот сектор во економијата. Учеството на македонската работна сила во неформалниот сектор е оценето дека достигнува околу 35%. Постојат одредени индиции дека вработувањето на овој сектор, според апроксимацијата на Анкетата за работна сила е потценето. Во таа насока е и извештајот на Светската банка наменет за Република Македонија. Во него се истакнува дека Анкетата за работна сила "страда" од извесен степен на неточно прикажување од страна на анкетираните. Според пресметките на истиот извор, засновани на Анкетата за работна сила и Анкетата за потрошувачката на домаќинствата, се смета дека Анкетата за работна сила не ги опфаќа сите вработувања во сивата економија.

Доколку се појде од фактот дека стапката на невработеност во Република Македонија, уште во втората половина на седумдесеттите и во текот на осумдесеттите години од минатиот век, изнесуваше 20% или повеќе, нереално е денешната стапка, да биде под 20%, после сите негативни последици и импликации што ги предизвика транзицијата. Една од главните причини за зголемувањето на стапката на невработеност во текот на општествената и

[2] Социјална политика и вработување 13 поглавие, Прашалник на Европската комисија за подготовка на мислење по барањето на РМ за членство во ЕУ, 2004 год., стр.29

економската трансформација е големиот прилив на невработени по основ на отпуштање од работа условено од големата прекуброjна вработеност. Доколку се изврши одредена корекција на статистичкото истражување, може да се дојде до стапката на невработеност од околу 30% на државно ниво. Во постојните услови, стапката на невработеност во никој случај не би можела да има пониска нумеричка вредност од оваа.


Структурни карактеристики на невработеноста во Р. Македонија

Невработеноста во Република Македонија по сите свои карактеристики е структурна со примеси на циклична невработеност заради промените во општествено-економскиот систем кон пазарна економија. Од податоците се кои се располага, станува јасно дека Македонија има многу ниски стапки на создавање, згаснување и обрт на работни места во споредба со други транзициски земји на слично ниво на развој. Ова е одраз на недостатоците во обезбедувањето на финансирање за нови активности, како и на структурните, економските и регулаторните бариери за создавање нови бизниси. Стапките на создавање и згаснување на работни места изнесуваа околу 1%, што е прилично под просечното ниво во повеќето транзициски економии. Допуштајќи дека состојбата со невработеноста би можела донекаде да се подобри и со мерки на пазарот на трудот, овие стапки покажуваат дека вистинското решение за проблемот на невработеноста е создавањето подинамичен приватен сектор.[3]

Структурата на вработеноста по сектори е слична со онаа во Бугарија, Хрватска, Литванија и Романија, каде учеството на вработеноста во земјоделството во вкупната вработеност се зголеми или остана на релативно високо ниво за време на транзицијата. Причината е во тоа што земјоделството ги апсорбираше отпуштените работници од преструктуираните претпријатија и обезбедуваше егзистенција главно за помалку образованите работници. Во 2008 година, 20% од вкупната вработеност е во земјоделството, индустријата апсорбира 25% од вкупната вработеност, а градежништвото 8%. Секторот на услугите е "највработлив", со 47% од вкупната вработеност. За разлика од развиените земји, работните места во секторот на услугите во Република Македонија се со низок квалитет во смисла на стабилност, плата и работни услови, а не висококвалитетни работни места, како на пример во информатичката технологија.

[3] Брада Ц. и Фити Т., Blue Ribbon – Извештај, Скопје, 2006 год., стр.71

Слика 2. Вработеност во Република Македонија по економски сектори во 2008 година



Извор: Билтен на Министерството за финансии на Република Македонија, бр. 9-10/2009 година, стр 37

Последните години, постои позитивна промена во структурата на вработеноста според економскиот статус, односно зголемување на учеството на самовработеноста и работодавачите. Учеството на самовработените лица се зголеми на 12.4% во 2008 година, а учеството на работодавачите на 6%. Самовработувањето, како форма на вработување, е особено важно поради неговото влијание во намалувањето на невработеноста во окружување во кое создавањето на нови работни места е ниско. Во врска со сопственоста, 66% од сите вработени лица во 2008 година работеле во приватни фирми. Важно прашање во врска со вработеноста е појавата на работа со скратено работно време: нето зголемувањето на работните места со скратено работно време генерира дополнителни можности за вработување, главно на младите и жените и им помага на работодавачите полесно да се приспособат на променливата агрегатна побарувачка. Во Република Македонија 5% од работниците во 2007 година работеле под такви работни договори. Постојат две регулаторни пречки за поголема употреба на договорите со скратено работно време:

1.Основицата за плаќање на социјални придонеси е пропишана месечно, а не според сработен час; и придонесот за здравствено осигурување се пресметува на вработување со полно работно време, а не на час, што ги зголемува трошоците за работна сила за работниците што работат со скратено работно време.

2.Вработувањето на определено време е мерка на претпазливост за работодавачите во неповолни економски услови, иако имплицира одредено ниво на несигурност за работниците. Релативно високото учество на вработени со договори за вработување на определено време е карактеристика на македонскиот пазар на труд. Според старосни групи, овој вид работно ангажирање е почесто кај младите работници, што сугерира понатамошна

нерамноправност на пазарот на трудот, како во смисла на пристап до постојана работа односно работа со полно работно време, така и во поглед на обука на работното место и можности за унапредување на младите лица. Употребата на договори за дело беше широко распространета во Република Македонија се до 2006 година, при што лицата ангажирани со вакви договори се сметаа и се изјаснуваа за невработени.[4] Оттаму, во 2006 година, со Законот за Агенциите за привремено вработување беше воведена нова форма на вработување, привремено вработување, со која се истиснуваат договорите за дело, но главна цел е зголемувањето на флексибилноста на пазарот на труд. Агенциите за привремено вработување им овозможуваат флексибилност на работодавачите бидејќи со тоа можат да ангажираат работници за ограничен период, согласно економската конјуктура, без значителни трошоци за ангажирање и отпуштање на работниците, додека пак за работниците обезбедуваат сигурност на работата и платата. Оттаму, Агенциите за привремено вработување премостуваат еден од главните конфликти на интереси на пазарот на труд, конфликтот помеѓу сигурноста на работата - важна за работниците и флексибилноста на работата - значајна за работодавачите.[5]

Ефикасноста на работната сила во производство се мери преку продуктивноста на работната сила, дефинирана како производство по единица час. Во практика, продуктивноста се пресметува како сооднос помеѓу БДП и бројот на вработени лица или како сооднос помеѓу БДП и вкупниот број на работи часови во годината. Гледано по сектори, повисоко ниво на продуктивност во 2008 година е забележано во земјоделството, индустријата, трговијата, и транспортот и комуникациите. Анализата на податоците на движењето на продуктивноста и трошоците за работна сила по единица производ во текот на 2007 и 2008 година упатува на една карактеристична појава во македонската економија. Имено, податоците покажуваат дека движењето на продуктивноста е во спротивна насока од движењето на трошоците за работната сила по единица производ. Ова значи дека падот на продуктивноста на работниците не е проследен со пад на трошоците на работодавачите за користење на факторот работна сила. Според економската теорија, падот на продуктивноста треба да резултира во намалување на бројот на работници или намалување на бруто платите, со што трошоците на работодавачите за работна сила би останале на исто ниво.[6]

[4] Договорите за дело се користеа во повеќето земји од Централна и Источна Европа и се регулирани според националните закони за облигациони односи, односно не се работни договори. Поради тоа, плаќањата односно надоместокот за работата подлежат само на персонален данок на доход, а не се плаќаат социјалните придонеси што им обезбедува на работодавачите пониски трошоци за работна сила.

[5] Билтен на Министерството за финансии на РМ, јануари/февруари 2009 год., стр.56

[6] Билтен на Министерството за финансии на РМ, бр. 01-02/2009 год., стр.59

Причини за високата невработеност во македонската економија

Појавата на висока невработеност е иманентна на сите земји од Централна и Источна Европа, кои преминаа од социјалистичко општествено уредување на пазарна економија. Со отворањето на економиите се покажа недоволната конкурентност на претпријатијата од овие земји на светскиот Пазар, по што следеше масовно затворање на големите претпријатија и масовно отпуштање од работа. Наследената политика на целосна вработеност остави длабоки последици по граѓаните со големи социјални немири. Економската нирвана и широко најавуваните благодети во политичките платформи едноставно - не се случија. Притиснати од барањата на ММФ за одржување на ценовната стабилност и намалување на државната администрација, земјите од поранешниот социјалистички блок избраа да ја жртвуваат вработеноста. Меѓутоа, во овој случај, не се работи за чисто дејствување на законот на Филипсовата крива и избор помеѓу висока инфлација или висока невработеност. Се разбира дека, основните постулати на економската теорија остануваат да важат, но она што е најзаслужно за високата невработеност е недоволната побарувачка за производите од овие земји, а со тоа и недоволна побарувачка за работната сила со намалениот обем на работа на поголемиот број на претпријатија. Згора на тоа, наследениот дарежлив систем на социјална заштита дополнително ги обремени и онака ослабнатите буџети на овие земји. Горенаведените карактеристики претставуваат заеднички именител на пазарите на труд на сите централно-источни земји, а според тоа и на Република Македонија.

Македонија е земја со енермно висока невработеност. „За разлика од другите транзициони земји, во Република Македонија невработеноста не е централно последица на отпуштањата заради интензивни реформи, туку пред сé на влошувањето на економските перформанси. Има историска компонента во растот на невработеноста што е последица на долгите рокови на анемичен раст и на ригидностите на пазарот на труд.“[7] Високата невработеност во Република Македонија не е нов феномен. Кога во 1991 година Република Македонија стана независна држава и го отпочна процесот кон пазарна транзиција, стапката на невработеност изнесуваше 24%. Почетокот на новиот милениум Република Македонија го отпочна со една од највисоките стапки на невработеност во Централна и Источна Европа. Се разбира дека се поставува прашањето за ваквата негативна позиција и причините за високата и долготрајна невработеност.

Сегашната невработеност, е објективен резултат и на транзициониот процес. Македонската рецесија во деведесетите години предизвика значител-

[7] Петрески Г., Отсутен раст - можна ли е акцелерација на растот?, МАНУ, Скопје 2004 год., стр.181

ни економски и социјални трошоци, кои својот негативен одраз го пронајдоа во високата невработеност, во растот на доходната нееднаквост и во порастот на сиромаштијата. Невработеноста во Република Македонија според својот карактер пред сé е структурна и циклична. Невработеноста, уште во времето пред транзицијата, претставуваше загрижувачки проблем со стапка околу 17% во 1989 година. Покрај регистрираната невработеност постои и т.н. скриена невработеност во форма на вишок на работна сила во сеуште непреструктуираните претпријатија и во форма на заостанати неисплатени надоместоци од повеќе месеци или години.

Постојат повеќе причини за невработеноста, но нејзините корени се наоѓаат во неусогласените процеси на индустријализацијата, деаграризацијата (релативното смалување на земјоделското население), миграцијата од селата во градовите и урбанизацијата (порастот на градското население). Така, од една страна, се јави невработеност и неангажирана работна сила во градовите, а од друга страна, останаа неискористени природните потенцијали во селата. До средината на шеесеттите години не се јавувал проблемот на невработеност. Поточно, имало „скриена невработеност“ заради непочитувањето на пазарните принципи и квалитативните фактори на стопанисување, па во претпријатијата имало повеќе вработени отколку што реално биле потребни. Овој процес особено бил видлив во администрацијата, но се јавувал и во производството. За решавање на овој проблем на превработеност се применувале административни мерки (акции за вработување), со кои претпријатијата и институциите требало да примат определен број кадри, независно од тоа дали им се потребни или не.[8]

Причините за високата невработеност најопшто можат да се лоцираат во:

• процесот на реструктуирање на јавната администрација;

• општиот пад на индустријата, како главен извор на вработеност и особено во падот на трудо-интензивните индустрии;

• високата невработеност меѓу младите со ниски квалификации покажува и неадекватност на квалификациите како причина за невработеноста;

• работното законодавство нормира отежнато и скапо отпуштање од работа што придонесува и за намалено вработување поради стравот дека еднаш примените работници не ќе можат да бидат отпуштени во ситуација на економски пад;

• мобилноста на трудот е ниска. Слабите можности за изнајмување простор за живеење и скапите ренти придонесуваат за намалена мобилност.

[8] Узунов Н.; Георгиев А. и Недановски П., Применета економија - Петто изменето и дополнето издание, Скопје 2003 год., стр.259-260

Мерки за зголемување на вработеноста и насоки на економската и социјалната политика

"Континуирано високото ниво на невработеност во Република Македонија претставува главен извор на загриженост и причина за сериозни социјални проблеми. Следствено, невработеноста стана главен проблем во државата. Статистиката за невработеноста не е сосема веродостојна, и покрај одредени напори за подобрување на ефикасноста при собирање и дисеминација на бројките за невработеноста. Анализите на невработеноста во Република Македонија посочуваат неколку очигледни фактори кои придонесуваат за високата стапка на невработеност: пад на некои сектори од економската активност комбиниран со недоволна динамичност во појавата на нови сектори; ниско извозно интензивна економија; ниско ниво на странски директни инвестиции; голема неформална економија; неефикасни политики за пазарот на трудот и ригидно трудово законодавство и слабо спроведување на законите."[9]

Македонската економија е соочена со чести епизоди на недоволна агрегатна побарувачка, што без сомнение е една од причините за стагнантните стапки на раст на БДП и за високата невработеност. На страната на понудата, неактивната и неискористена работна сила е изобилна, но квалитетот на трудот е низок. Стапката на инвестиции неминовно мора да се зголеми, што укажува на потребата Владата да ја унапреди инвестиционата клима, со особено фокусирање врз странските инвеститори и врз малите и средните претпријатија, кои се најпогодни за брз раст на вработувањата.

За надминување на економската стагнација и за ублажување на невработеноста во македонската економија, синтетички гледано, посебно се значајни две комплексни групи на прашања: реструктуирањето на реалниот сектор и растот на инвестициите во физички и човечки капитал. Потребно е да се забрза процесот на реструктуирање на преостанатите големи капацитети, кои имаат големо релативно значење за динамизирањето на индустриското производство и за БДП на земјата. Успешноста на овој процес претежно е детерминирана од квалитетот на потенцијалните инвеститори и од брзината и ефикасноста во разграничувањето и заштитата на сопственичките права. Владините авторитети можат објективно да влијаат на два начина: да придонесат за креацијата на пријателски амбиент кон странските инвеститори и да ги забрзаат реформите во судството. Владата исто така треба да ја зголеми ефикасноста во поддршката на малите и средните претпријатија и на претприемништвото преку новите софистицирани мерки - етаблирање ефикасни институции, супконтракторство, бизнис инкубатори, бизнис мрежи, ефикас-

[9] Брада Ц. и Фити Т., Blue Ribbon – Извештај, Скопје 2006 год., стр.70-71

но функционирање на едношалтерскиот систем итн. Во сферата на инвестициите, зголемувањето на стапката на бруто инвестиции на ниво од 25% е битна претпоставка за динамизирање на растот и за зголемување на вработеноста.[10]

Во иднина, како што Република Македонија ќе се соочува со постабилно опкружување, ќе мора да се посвети поголемо влијание на улогата на фискалната и монетарната политика, како механизми за регулирање на економијата и за создавање на услови за високи и стабилни стапки на раст, наместо истите да се користат како инструменти, пред сé, за неутрализирање на случајни економски и политички шокови. Она што е важно за економскиот раст, не е само буџетскиот суфицит или дефицит, туку и тоа дали даночната структура и буџетските трошоци го поттикнуваат или попречуваат растот на економската активност. Затоа, даночната реформа мора да биде важен дел од фискалната политика. Даночниот систем треба да се направи потранспарентен, полесен и поефтин за управување. Исто така, дизајнот на даночниот систем треба да ги рефлектира економските потреби на Македонија: зголемување на вработеноста, намалување на обемот на сивата економија, обезбедување на стимулации за економски раст и обезбедување микроекономска ефикасност преку одржување на ниски и релативно воедначени даночни стапки за различни економски активности и извори на приход.

Монетарната политика, преку влијанието врз понудата и побарувачката на парите и кредитот, треба да биде во функција на поттикнување на развојните фактори и создавање на поволен макроекономски амбиент со што ќе се стимулира обновата на економијата. Во таа смисла оваа политика треба да се релаксира од крута и претерана контрола и рестриктивност. Остварените неповолни резултати во реалниот сектор се последица на заостанувањето на реформските процеси и преструктуирањето на стопанството, но во поголем дел се и реализација на недостигот од монетарно инјектирање и давање развоен импулс. Притоа, неопходно е да профункционира трансмисиониот механизам помеѓу монетарните и реалните економски варијабли, во насока на анимирање на инвестиционата и стопанската активност и поттикнување на економскиот растеж.[11]

Посебно се тешки состојбите во областа на заштитата на сопственичките права и ефикасноста во извршувањето на договорите, токму во областа која има клучно значење за охрабрувањето на инвестиции во машини, човечки капитал, подобра технологија, за охрабрување на претприемништвото, а со тоа и забрзување на растот и развојот. Корумпи-

[10] Фити Т., Креирање на претприемнички амбиент во Република Македонија, Скопје 2004 год., стр.198

[11] Пецевска З., Монетарната политика и економскиот развој во Република Македонија, Скопје 2005 год., стр.178

раноста, која е присутна речиси на сите нивоа, е еден од проблемите со кои се соочуваат како амкедонските, така и странските инвеститори. Нефункционирањето на правото и правосудството претставува дополнителна отежнувачка околност која влијае врз сигурноста на идните потенцијални инвеститори.

Наместо заклучок

Општа констатација е дека во Република Македонија, не постои соодветен правен систем, кој би го овозможувал и поддржувал функционирањето на една ефикасна пазарна економија. Сеуште не постои апсолутна неприкосновеност и целосна правна заштита на сопственоста како еден од главните столбови на слободната пазарна економија. Во многу случаи сопствениците на приватизираните фирми не можат да ги остваруваат своите легални права. Загрижува и ниското ниво на почитување на законската регулатива и на договорите. Во практиката, нивното спроведување и присилно извршување е бавно и отежнато. Суштински цели на реформите на судството е да се создадат услови за брзо и ефикасно санкционирање на коруптивните практики. Натамошните напори за зајакнувањето на владеењето на правото треба да бидат насочени кон јакнење на независноста на судството и подобрување на ефикасноста на судовите.

Решавањето на проблемот на невработеноста претставува есенцијално прашање, кое има директно влијание како врз квалитетот на животот на граѓаните, така и врз економскиот развој на државата. Од тој аспект, неопходно е итно преземање на сеопфатни мерки и активности како што се: поттикнување на економскиот раст, преструктуирање на економијата, развојот на претприемништвото и отворање на мали и средни претпријатија, образование и стручно усовршување на работната сила и др.

Summary

The unemployment in the Republic of Macedonia according to its characteristics is structural with admixture of cyclical unemployment. The factors for the high rate of unemployment are rooted in the self-governing model of employment and the insufficient demand for labor in the period of transition. The basic directions of the economic policy for decreasing of the high unemployment are reflected in taking measures for improving the entrepreneurship and investment climate and in reforming of the labor market in the direction of conducting selective policy with active measures for increasing the labor market flexibility.

Key words: Labor Market Flexibility, Unemployment, Natural Rate of Unemployment, Poverty, Social Policy, Economic Growth, Entrepreneurship, Investments, Active Measures for Employment.

Литература

1. Breda, Joseph и Fiti, Taki (editors): Blue Ribbon: Report for Macedonia, USAID, Скопје (2005)
2. Димитриева, Елка и Јанеска, Верица: Квантифицирање на невработеноста во Република Македонија и нејзините структурни карактеристики, Фондација Фриедрицх Еберт Стифтунг, Канцеларија Скопје, Економски институт - Скопје и Институт за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје, Скопје (2000)
3. Ефтимоски, Димитар и Петревски, Горан: Анализа на изворите на економскиот растеж на Република Македонија во транзиционият период, Економски развој, Списание на економскиот институт - Скопје (2004)
4. Кљусев, Никола; Фити, Таки; Петковски, Михаил; Славески, Трајко; Филиповски, Владимир: Економијата на Македонија во транзиција (проблеми, дилеми, цели), МАНУ, Скопје (2002)
5. Layard, Richard: Clues to Overcoming Unemployment, Oxford University Press, Oxford (2001)
6. McConnell R., Campbell & Brue L., Stanley: Suvremena ekonomija rada - trece izdanje (Prevod), Mate, Zagreb (1994)
7. Петрески, Гоце: Економски раст и развој - теории, модели, меѓународни искуства, Економски факултет Скопје, Скопје (2000)
8. Петрески, Гоце: Отсутен раст - можна ли е акцелерација на растот?, Отворени предизвици на македонската економија, Научен собир, МАНУ, Скопје (2004)

9. Solow, M. Robert: The European Unemployment Problem, Forum CESifo (2000)

10. Stigliz E., Joseph: Theories of Wage Rigidity, NBER Working Paper No.1442, Cambridge (1984)

11. Узунов, Никола: Прагот на саморазвивање посебно во Република Македонија, Економски развој, Списание на Економскиот институт - Скопје (2004)

12. Узунов, Никола; Георгиев, Ангел и Недановски, Пеце: Применета економија - Петто изменето и дополнето издание, Економски факултет Скопје, Скопје (2003)

13. Фити, Таки: Природната стапка на невработеност и нејзината аналитичка вредност, Одделение за општествени науки при МАНУ, Скопје (2002)

14. Фити, Таки: Економија, Економски факултет Скопје, Скопје (2006) FYRMacedonia Country Economic Memorandum Tackling Unemployment, Document of the World Bank, Report No.26681 - MK, Poverty Reduction and Economic Management Unit for Europe and Central Asia Region (2003)

005.53 : 657.012.4

Доц. д-р **Љупчо СТОЈЧЕСКИ**
Асс. м-р **Емилија БАШЕСКА**

УПРАВУВАЧКОТО СМЕТКОВОДСТВО И ДЕЛОВНОТО ОДЛУЧУВАЊЕ

Апстракт

Со примена на научните достигнувања релативно се намалуваат трошоците на производство, а постојано се зголемува ефикасноста на користење на средствата за производство, продуктивноста на трудот, како и вкупната корист од работењето.

Во таа насока менаџментот, покрај другите обврски, мора постојано да ги има во предвид сознанијата за предходното производство во квантитативни и квалитативни показатели (информации), врз основа на кои:

- ќе донесува заклучоци: дали се постигнати целите што се поставени пред да отпочне производството; кои фактори делувале во определен временски период и во извршувањето на определен производствен процес. Разгледува што би требало да се превземе за стимулирање на факторите со позитивно дејство, а за престанување или намалување на дејството на факторите со негативно влијание на работењето;

- ќе определува цели, односно ќе предвидува и донесува планови за идното работење во определен временски период или определен производствен процес.

Клучни зборови: *Управувачко сметководство, деловно одлучување, стратегиска анализа, трошоци..*

Вовед

Управувачкото сметководство со давање на сметководствени информации се вклучува во информацискиот подсистем и преку него во системот за деловно одлучување. Меѓутоа, менаџметот би направил големи грешки ако се обиди да донесува одлуки само врз основа на сметководствените информации. Спрема тоа сметководствените информации треба да бидат само дел од основите за деловно одлучување.

Менаџментот, за да ги обавува своите функции, собира информации од направени анализи, а од особено значење се:

1. Стратегиските анализи;

2. Анализа на вредностите;

3. Анализа на трошоците;

4. Планирање врз основа на активностите;

5. Трошоците на животниот циклус; и

6. Целни трошоци.

За изготвување на наведените анализи, покрај други информации од особена важност се информациите што ги дава управувачкото сметководство.

УПРАВУВАЧКОТО СМЕТКОВОДСТВО И ДЕЛОВНОТО ОДЛУЧУВАЊЕ

При изготвувањето на стратегиската анализа, управувачкото сметководство, во зависност од избраниот метод за пресметка на производството, се вклучува со информации за пресметаните цени на производите. Така може да се даваат информации за:

- набавните цени на материјалите;
- набавните цени за деловите;
- набавните цени за амбалажата, ситниот инвентар и набавени автогуми;
- цените на чинењето на полупроизводите за натамошно производство;
- плаќање за извршени услуги од други;
- пресметани трошоци за извршени услуги и сл.

По давањето на овие информации и извршена стратегиска анализа, се донесуваат стратегиски деловни одлуки со формирање на стратегија:

- за понатамошни набавки;
- за цени по кои треба да се извршуваат набавките;
- за асортиманот и квалитетот на набавките ис л.

Се формира и стратегија за полупроизводите за понатамошно производство и услугите со одговор на прашањето:

Дали е подобро некој производ или интерна услуга, сами да го произведуваме, односно да си ја извршуваме услугата сами или да набавиме од други?

Се даваат информации и за висината на цената на чинење на поодделни производи. Во зависност од политките што се водат за реализација на производите, при вршење на стратегиските анализи и определувањето на стратегијата за идните активности, се даваат информации за:

- постигнати продажни цени на производите – услугите;
- постигнатиот и планираниот обем на производството;
- фактичките цени на чинење;
- предвидените (планираните) цени на чинење;
- отстапување меѓу предвидената (планираната) и фактички постигнатиот обем на производство;
- отстапувањата меѓу предвидената (планираната) и фактичката цена на чинење на производите – услугите.

До колку се врши пресметка на производството на хомогени секции, се даваат информации за постигањата на секоја хомогена секција. Постигањата се прикажуваат по обем и вредност на фактички произведените производи/услуги. Тие постигнувања се прикажуваат по обем и вредност и за целата компанија – претпријатие. Се даваат и споредбени информации помеѓу:

- предвидениот (планираниот) и фактички постигнатиот обем на производство по хомогени секции и за целата компанија - претпријатие;
- предвидените (планираните) и фактички направените трошоци по хомогени секции и за целата компанија - претпријатие;
- помеѓу предвидените (планираните) и фактички цени на чинење на производите/услугите од поодделни хомогени секции; и сл.

Со примена на методот за пресметка на производството со стандардни трошоци, за изготвување на стратегиска анализа, а понатаму и донесување на стратегиските одлуки, се даваат информации за:

- остварување на стандардите за потрошок на суровини и материјали, делови, амбалажа и сл.;
- остварување на стандардите на општите трошоци;
- остварување на стандардите за вложен труд;
- остварување на стандардите за исплатени плати и др.

Се даваат и компаративни информации за пресметаните отстапувања од стандардите и тоа:

- отстапувања помеѓу стандардниот и постигнатиот обем на производство;
- отстапувања помеѓу стандардите и стварно потрошените материјали, делови, амбалажа и др.;
- отстапувања помеѓу стандардните и фактичките цени на набавките;
- отстапувања помеѓу стандардните и фактичките постигнати продажни цени;
- отстапувања помеѓу стандардните и фактичките општи трошоци;
- отстапувања помеѓу стандардните и фактичките работни саати во производството;
- отстапувања помеѓу стандардните и стварно исплатените плати и др.

Сите отстапувања посебно се анализираат и се донесуваат одлуки за:

- корекции на стандардите;
- корекции на набавните цени;
- корекции на потрошоците и трошоцит;
- корекции на продажните цени и др.

Со примена на методот за пресметка на производство со варијабилни трошоци (direct costing) за правење на стратегиска анализа, а потоа определување на стратегија за понатамошно обавување на дејност, се даваат информации за:

- остварениот обем на производство;
- варијабилни трошоци за секој производ посебно;
- пресметана вредност и цена за секој производ на варијабилни трошоци;
- предвидени фиксни и фактички направени трошоци;
- предвидена и остварена бруто маржа и сл.

Кога се применува оваа метода за пресметка на производството се прават и компарации и се даваат информации за:

- предвидениот (планиран) и остварен обем на производство;
- предвидени (планирани) и остварени варијабилни трошоци на производи;
- предвидени и остварени фиксни трошоци;
- предвидена и остварена бруто маржа и сл.

Примената на АБЦ – метотод за пресметка на производство за изготвување на стратегиска анализа, а потоа за донесување на деловни одлуки и определување на стратегија за идно работење, се донесуваат информации за:

- извршени активности во рамките на компанијата – претпријатието;
- зошто и колку трошоци се направени;
- постигнатиот обем на производство или друг учинок со извршената активност;
- постигнатиот обем на производство во компанијата – претпријатието;
- отстапувања помеѓу предвидените и извршените активности;
- отстапувања помеѓу предвидените и фактички направените трошоци за пооделна активност;
- отстапувања помеѓу пресметаните општи трошоци со примена на определена стапка и стварно направените општ интрошоци.
- За изготвување на анализата на вредностите управувачкото сметководство се вклучува со давање на информации за:
- извршување на процесот на производство, добиени употребливи производи со нивна предвидена (планирана) и стварна цена и вредност;
- добиени употребливи производи со некаков дефект, со нивна намалена цена и вредност;
- појавено кало, растур, расипување и кршење, а поради тие појави колкава е изгубената вредност;
- вратени производи од купувачите по обем и вредност, како и изгубена вредност на вратените производи и др.

При вршење на анализата на трошоците управувачкото сметководство се вклучува со давање на информаци за:

- настанати видови на трошоци по организациони единици и за целата компанија – претпријатие;
- настанати трошоци за пооделни носители на трошоци – производи/услуги;
- содржани трошоци во недовршеното производство, полупроизводите и готовите производи;
- содржани трошоци во реализираните производи/услуги.

Управувачкото сметководство се вклучува при барањата на начини за утврдување на целните трошоци во идното работење. Тие барања се однесуваат на изнајдување на фактори што ќе делуваат, целните трошоци да бидат помали за исти обем на производство во наредниот период од направените трошоци во тековниот период.

За таа цел управувачкото сметководство дава информации и предлози за:

- укинување на надлежни организациони единици без кои што може да се обавува производствениот процесс;
- изнајдување на пазари каде што може да се вршат набавки со пониски цени;
- престанок со производство или намален обем на производство на производи на кои им е пониска продажната цена од цената на чинење;
- интензивирање на производството на производи/услуги за кои се постигнуваат повисоки пазарни цени од цената на чинење на производите/услугите;
- интензивирање на искористувањето на машините, промени на машините кои отпишани (застарени);
- воведување на стимулативно плаќање на плати на работниците заради поголема продуктивност на трудот; и др.

Управувачките активности се изведуваат заради постигнување на определни цели, што се поставуваат пред менаџментот.

Целите што треба да се постигнат од обавувањето на некоја дејност се: остварување на поголеми приходи од направените расходи во определен временски период или од обавен производствен процес.

Управувачкото сметководство обезбедува информации за:

- искористеноста на ресурсите и
- извршување на деловните процеси и технологијата.

Информациите за искористување на ресурсите, менаџментот ги користи за согледување на потрошоците и при тоа трансформацијата на ресурсот во други корисни добра. Информациите се даваат на физички и вредносни показатели. Од тие информации, менаџментот треба да ја оцени целисходноста од корисењето на ресурсите.

Менаџментот ги користи информациите од управувачкото сметководство како дел од потребите за донесување на одлуки за:

- идниот начин на стопанисување (обавување на дејноста);
- за контрола на работењето; и
- поднесување на сметки за деловни успеси.

Заклучни согледувања

Менаџментот можеме да го дефинираме како стручни носители на раководење со технолошко- техничките функции и координирање на истите со управувањето на големите претпријатија. Во остварувањето на своите функции, менаџментот настојува, управувањето со средствата за работа и со вработените да го сведе на објективизирани методи за одлучување.

За да може менаџментот да ги обавува своите функции, а особено техничко-технолошката функција, потребни му се информации за донесување на:

- деловни одлуки;
- одлуки за контрола;
- одлуки за поднесување на сметки и одлуки за деловните успеси.

Информациите ги припрема и дава: сметководството, кое во современи услови на стопанисување е поделено на:

- финансиско сметководство и
- управувачко сметководство.

Активноста на управувачкото сметководство при изготвување стратегиски и други анализи за донесување на деловни одлуки и определување на стратегија за идно работење е многу голема но не и единствена.

Conluding observations

Management can define as professional media management of technology-tehnical functions and coordinating them with the management and funds to work with employess to reduce the objective methods of decision making.

In order for management to perform its functions, especially tehnical-tehnological feature is needed for passing information to:

- Business decisions;
- Decisions to control;
- Making the submission of accounts and decisions on business success.

Data preparation and offers: accounting, which in modern conditions of management is divided into:

- Financial Accounting and
- Managerial Accounting

Managerial accounting activities of the strategic developement and other analysis for making business decision and determining the strategy for future work is great but not unique.

Key words:: Management accounting, business decision making, strategic analysis, costs .

Литература

1. International Accounting Standards 1993, International Accounting Standards Committee, Лондон, 1993
2. Ацески Благоја „Сметководствен менаџмент„ Универзитет „Климент Охридски„ Битола, 1997 год.
3. Закон за сметководството, Скопје 1999
4. Закон за трговски друштва, Скопје 2003
5. Конески д-р Методија.„Стојчески д-р Љупчо, „Управувачко сметководство„ Европски универзитет РМ Скопје 2005 год.
6. Маркоски С.„Недев Б. „Сметководство на деловниот менаџмент„
7. Меѓународни сметководствени стандарди, Комисија за сметководствени стандарди на Р. Македонија, Скопје, 2000
8. Стојчески Љ.„Костадиновски А., „Основи на сметководство„ Европски универзитет РМ Скопје 2007 год

656(4)

Доц. д-р **Ристе ТЕМЈАНОВСКИ**

РАЗВИЕНИТЕ ТРАНСПОРТНИ СИСТЕМИ КАКО ГЕНЕРАТОР НА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Апстракт

Ништо не ја симболизира и овозможува интеграцијата во Европа подобро од физичките врски во транспортните системи и ништо не е позначајно за равојот на земјите апликанти од постигнување на ефикасна инфраструктура. Оваа идеа е промовирана во Спогодбата на ЕУ во која се споменува можноста за соработка на ЕУ со трети земји во промовирањето на транспортно-инфраструктурни проекти од взаемен интерест. Во Европската спогодба основни приоритети се насочени кон соработката за изградба и модернизација на транспортната инфраструктура и на развојот на транспортните мрежи како основен предизвик на пристапните процеси.

Со цел да постигне и овозможи рамномерен економски и социјален развој, Европската Унија во последните три децении се заложи, прво во промовирање на економска и финансиска кохезија помеѓу земјите членки на ЕУ и второ како дел од нејзината одговорност во глобалниот развој, за подршка на економскиот и социјален развој на земјите кои не се членки на ЕУ, но се во процес на пристапување кон ЕУ. Во тој контекс, ЕУ издвојува дел од својот буџет за подршка и социјални развојни цели за третите земји. Оваа помош се слева во овие земји преку бројни инструменти кои произлегле во согласност со специфичните прилики и потреби на индивидуалните групи на земји.

Клучни зборови: *ЕУ, Европски инвестициони програми, транспорт, инфраструктура. Економска и социјална кохезија.*

Вовед

Економскиот развој не е едноставен процес и со прецизност не можат да бидат опфатени сите варијабли, нивниот сооднос, интензитет кои го предизвикуваат неговиот развој. Некои од елементите како што се земјиштето, капиталот, количината на работната сила, образовната структура, технолошкиот напредок и др. кои имаат директно или индеректно влијание на овој процес, постојано се проучуваат од различни аспекти со цел што поточно и подолгорочно да се овозможи одржувањето и зголемувањето на

економскиот развој. Уште пред точно педесет години Киндлебергер[1] забележал како над одреден нумерички вредносен минимум постојат бројни можности за замена на една варијабла со друга, иако во исто време постојат некои комплементарни односи меѓу нив.

Сообраќајот денес, без сомненеие, спаѓа во редот на најважните општествени дејности, бидејќи без него не може да се замисли размена на добра, превоз на лица, пренос на информации, циркулација на пари, хартии од вредност ид р. Затоа низа најважни човечки активности се врзани за транспортот. Сообраќајот е значаен и за економистот, политичарот, сообраќајниот инженер, за експертот од меѓународно право. За економистот, транспортот е значаен во размената на добра, како неопходна алка во синџирот по кој се движи стоката на својот пат од производителот до потрошувачот, превозот на патници тој го разгледува како нераздвојна алка со туризмот. Во современата надворешнотрговска размена, како значаен фактор кој влијае на висината на купопродажната цена на стоки се и сообраќајните трошоци. Според тоа висината на сообраќајните трошоци во значителна мерка влијае на изборот на стока и од која земја ќе се увезува, можноста за пласирањето на стоките во извозот како и дали трети земји ќе го користат транзитниот пат на некоја друга држава.

Освен тоа развојот има повеќе димензии и може да биде ориентиран кон различни облици, како што се економски, политички, културни. Дури и кога би се опфатиле само економските аспекти, секако дека не смеат да се занемарат и социјалните, политичките и другите аспекти на тој развој. Тие во тој поглед се детерминирани и од социјалната урамнотеженост, просторната хармонизација на развиеноста, националното единство, интегритетот на земјата и сл. Во рамките на така дефинираната развојна политика, транспортот во голема мерка се користи за остварување на целите на дефинираната политика на државниот апарат.

Од гледиште на меѓународните односи, сообраќајот придонесува светската заедница сè повеќе да се чувствува како една целина и со брзи и сигурни комуникации да се постигне подобро меѓусебно зближување и запознавање на народите и по пат на материјални и нематеријални вредности побргу да се пронајде заеднички јазик на спогодување, кој ќе влијае врз меѓусебниот развиток и др.

[1] Padjen, J.(1996): Prometna politika i politika gospodarskog razvitka. Ekonomski pregled, 47(3-4). 187-197 str.

Развојната улога на транспортот

Економистите веќе подолго време се преокупирани со проблемот за поврзаноста меѓу инвестициите и промените во транспортниот сектор и економскиот развој, а со тоа и за односот меѓу транспортната политика и политиката на стопански развој. Во тој поглед се повеќе се актуализираат прашањата околу врската помеѓу промените во транспортниот сектор и стопанскиот развој, а со тоа и односот помеѓу транспортната политика и политиката на стопански развој. Се чини значењето на транспортот во општествениот развој сериозно никогаш и не бил доведен во прашање, но неговиот точен придонес кон овој процес, односно јачината на таа врска, сеуште не е доволно расветлена и измерена, односно доволно прецизно измерена. Од тие причини односот помеѓу транспортниот промет и стопанскиот развој често пати е подложен на одредени преиспитувања и вреднувања, а со тоа и доволна инспирација за комплексни мултидисциплинарни истражувања (економисти, планери, архитекти, социолози, географи и др.).

Сообраќајот е мошне важен, во одредени ситуации и клучен фактор во насочување на стопанските текови и моделирање на стопанството во една земја. Динамиката на развитокот на сообраќајот, постојаното зајакнување на неговата улога во функционирањето на стопанството и промените кои во врска со тоа се наметнуваат во областа на организацијата на животот и работата на еден простор, имаат широко дејство врз целокупната општественопроизводна организација.

Сообраќајот се смета како продолжение на производниот процес во сферата на циркулација на стоките. Совладувајќи пространи оддалечености сообраќајот ги поврзува одделните производствени гранки и производствени региони во национални и светски размери во единствено економско подрачје. Сообраќајот е основната врска преку која тече дистрибуцијата на прометните текови во национални или меѓународни размери, нешто што претставува сигурен елемент во стопанската поврзаност на светот, а е предизвикана од се подлабоката и поширока територијална поделба на трудот.

Освен тоа разместеноста на производството во разни подрачја не е паралелно и рамномерно, туку многу често се присутни големи територијални диспропорции. Поврзувајќи одделни подрачја или цели региони, сообраќајот ги ублажува или елиминира нерамномерностите и диспропорциите во просторната дистрибуција на производството.

Од тој аспект е и големата актуелност што се јавува во врска со истражувањето на транспортот како еден незаменлив ресурс за пренесувањето на луѓето како од аспект на локално, регионално, државно, меѓудржавно и интерконтинентално значење.

Проучувањето на транспортот, како фактор на економска ефикасност, бара целосен пристап, бидејќи само врз таа основа може правилно да се оцени придонесот на сообраќајот во ефикасното стопанисување. Сообраќајот се третира како сложен економски, техничко-технолошк ии организационен сsстем и, истовремено, како подсистем на општеството и стопанството. Поради тоа, ефикасноста на сообраќајот претставува и општ услов за развој на секое општество и стопанство, неговата ефикасност нема само економско значење, туку напротив опфаќа и пошироко општествено значење.

Големината и карактерот на стоковните текови често пати се одредени со капацитетот, производната структура, потрошувачките потреби и апсорпциони можности и погодности на транспортниот систем. Нерамномерниот превоз, како резултат на неадекватен транспортен систем во една земја, го намалува степенот на искористување на сообраќајните средства, ја слабее пропусната моќ, го намалува степенот на искористување на сообраќајните средства, ги зголемува трошоците, а преку тоа влијае и на инвестиционите активности во одделни сектори.

Позитивната врска меѓу транспортната развиеност и економскиот развој може да се дефинираат преку два пристапа: оние со непосредно и оние со посредно влијание:

Според одредени автори влијанието на транспортот се согледува преку намалување на транспортните трошоци, што овозможува проширување на пазарите, користење на предностите од зголемените економски активности (Button, 1993-223). Тука се и тврдењата за тесната поврзаност меѓу евтиниот превоз и економскиот раст. Индустриската револуција впрочем била успешна благодарејќи пред се на револуцијата во транспортната технологија. Познато дека изградбата и ширењето на железницата во минатото најмногу придонело за економскиот развој на Франција, Германија, САД, Канада и Русија.

Подобрувањето на транспортната инфраструктура и проширувањето на домашниот пазар се неопходни за националниот стопански развој. Во тој поглед влијанието на транспортот може да се согледа преку четири функции за поттикнување на економскиот развој:[2]

1. Овозможува преместување на луѓе, стока и капитал во рамките на производството и потрошувачката;
2. Се менува производната функција со тоа што се менува количината на резервите потребни за производниот процес;

[2] Padjen, J.(1996): Prometna politika i politika gospodarskog razvitka. Ekonomski pregled, 47(3-4). 188 str.

3. Се зголемува мобилноста на производните фактори, посебно на работната сила и капиталот, и
4. Се зголемува благосостојбата на поединецот и бројот на користењето на јавните добра.

Во непосредни развојни погодности од транспортот, се вбројуваат и бенефитите кои настануваат со зголемувањето на вработеноста поради изградбта, одржувањето и искористувањето на транспортната инфраструктура, како и користа која настанува како последица на мултипликативните влијанија на зголемениот транспортен промет. Овде може да се спомене и потрошувачката на големи количина на суровини во изградбата на транспортната инфраструктура (железо, цемент, песок, камен, дрво и др.), гориво и разни услуги кои се трошат во изградбата на сообраќајниците.

Транспортната политика и економскиот развој во ЕУ

Транспортот е клучен елемент во Европската просторна развојна перспектива која се развива како интегрален и заеднички пристап во идниот просторно-планерски модел на Европските институтции. Со цел да обезбеди кохерентен развој на целата европска територија, од суштинско значење претставува потребата за поголем степен на планирањето за подобрување и пристап до целокупната инфраструктура, со отстранување на техничките препреки кои ги поврзувале постојните национални транспортни системи. Потребата периферните региони да бидат вклучени во економскиот и социјалниот развој, ги навело на размислување планерите и економистите, на одредени проценки за проектирање и изградба не само на фундаменталните комуникациски структури како што се патиштата и железниците, туку и за изградба на аеродроми, посебно на островите, како најнеповрзани простори. Следните планерски проекции се насочени кон проширување на улогата на пристаништата како модел на интеграција на пловниот сообраќај во глобалната транспортна мрежа. Со инвестирањето во ваквите региони се очекувало нивна максимална придобивка во трансевропската транспортна мрежа (ТЕТМ).

Воспоставувањето на трансевропската транспортна мрежа претставува база, почеток во реализацијата на практичната иницијатива во Европската интеграција. *"Единствеиот пазар во ЕУ ќе репродуцира позитивни ефекти на благосостојба за граѓаните и претпријатијата, само ако се темели врз ефектите и воспоставувањето на Трансевропската транспортна мрежа".*[3] Во спогодбата на Европската унија воспоставувањето на ТЕТМ се

[3] Извадок од заклучокот на Претседателството на Европскиот Совет, во јуни 1994 Корфу. Извор: Richardson T.: *The Trans-european trasport network: environmenatl policy integration in the European Union*. "European urban and Regional Studies". London: SAGE Publication, Vol. 4 (1997) 4. p. 333.

предвидува да овозможи физичко поврзување на секој дел од Европската унија во рамките на нејзините граници. Во политичките процеси ТЕТМ претставува централен инструмент за планираната интеграција. Визијата во ова инфраструктурно поврзување добива глобална димензија: интегрирана мрежа на модерни автопатишта, железници и други инфраструктурни објекти на Европскиот континент, би требало да ги пополнат постојните недостатоци во националните транспортни системи. На тој начин се очекува да профункционира планираниот европски транспортен систем кој ќе овозможи поголем квалитет, кохезија и економски пораст, воедно стимулирајќи и поголема вработеност, мобилност и намалувајќи ги негативните последици од транспортните трошоци во маргиналните делови на државите во ЕУ. Потенцијалните придобивки од ТЕТМ во единствениот пазар на ЕУ се очекува да овозможат поголеми макро-економски бенефиции. Преку оваа инфраструктурна мрежа ќе се овозможи побрз и поефикасен пристап до ресурсите, работната сила и пазарот. На тој начин ќе се намали диспаритетот помеѓу различниот степен на развој во регионите во Европската унија, помеѓу јадрото и периферијата.

Во идните развојни планови на ЕУ како приоритет од највисок степен се зема економската димензионираност на транспортниот сектор. Вкупните трошоци ќе изнесуваат над 1,000 милијарди евра, што претставува повеќе од 10% од вредноста на БДП. Транспортниот сектор вработува повеќе од 10 милиони луѓе. Што значи ја вклучува инфраструктурата, технологија и човечки капацитети кои многу ја чинат заедницата, бидејќи степенот на инвестирање во транспортот ја детерминира улогата и на економскиот пораст, поради што не би смеело да постојат грешки во проценките.[4]

Значење на транспортната политика во земјите од ЕУ

Последните дваесеттина години ЕУ направила огромни чекори во креирањето на единствен пазар, отфрлајќи ги границите помеѓу нејзините земји членки. Движењето на луѓето и слободната циркулација на добра биле двете основни форми за идниот пораст на единствениот пазар. За целосно ефектуирање на овие потреби, се јавила потребата за димензионирање на квалитетен транспортен систем.

Идејата за креирање на моделот на Трансевропска транспортна мрежа (ТЕТМ) се јавила уште во 1957 година, кога Европската економска заедница ја усвоила идејата за креирање на заедничка транспортна политика. Во почетокот на деведесетите години, паралелно со размислувањето за воведување на единствен европски пазар, улогата на транспортот како централна

[4] EC: White paper: *European transport policy for 2010: time to decide*. Luxembourg: Office for Official Publications of the European Communities, 2001. pp. 10-11.

компонента во единствениот европски пазар станала сè поголема. Чувството да се зборува за еден голем европски пазар, за слобода на движење на добра, луѓе и услуги, без оглед на различниот економски развој на регионите и национални мрежи, ја наметнало потребата за поврзување на пазарот со модерна и ефикасна инфраструктура.[5] Во 1993 година, стапил на сила договорот од Мастрихт, со што земјите членки ја утврдиле потребата за идниот развој на ТЕТМ (трансевропска транспортна мрежа за транспорт, енергија и телекомуникација) како заедничка европска цел.

Примарната улога во заедничката транспортна политика била неопходноста за отстранувањето на техничките и институционалните бариери помеѓу земјите членки. Всушност, главна цел претставувал моделот на креирање заеднички економски пазар. Многубројните научни и стручни проценки кои биле направени укажале дека заедничкиот економски пазар не е самостојно способен да обезбеди мобилност во различните региони на ЕУ. Граѓаните во ЕУ и зголемениот промет не можеле да се развиваат во рамките на националните транспортни системи како оние во минатото. Од тие причини ЕУ направила голем чекор и своите активности ги насочила кон планирањето и креирањето на заедничка инфраструктурна програма на полето на транспортот, позната како Трансевропска транспортна мрежа.

Покрај економската развиеност, ЕУ сепак се соочила и со проблеми на економска нерамнотежа. Од една страна се протегале региони со голема централизација на население и економските активности (проследени со високи трошоци за надминување на сообраќајните метежи, загадување на животната средина и транспортни трошоци поради сè поголемото протегање низ урбаните населби) и депопулационите региони од друга страна. Посебен проблем претставувале комуникациите до периферните региони и островите. Се проценило дека моделот за формирање на единствен транспортен систем е од суштинско значење за економскиот развој на Унијата, а со негово целосно реализирање би се овозможил поголем благодет на граѓаните и повисок економски развој, на регионално и локално ниво. Со развиена транспортна мрежа, помалку развиените региони би ја зголемиле својата атрактивност за инвестирање, а од друга страна би ги олесниле деловните патувања. Погрешно би било да се мисли дека инвестирањето во транспортот изолирано од другите економски активности би ги намалило регионалните диспаритети. Главните очекувања биле дека подобрувањето на траснпортниот сектор ќе овозможи регионалните економии кои се во непогодна состојба да се стимулираат и да ги развијат своите потенцијални можности. Такви примери имало многу во Европа, ќе ги споменеме само Грција, Шпанија, Ирска и Португалија, каде инвестирањето во транспортниот сектор овозможило долгороч-

[5] Kenneth B. *International transport: Linking Europe's future to the rest of the world. Innovation*: "The European Journal of Social Sciences". Vol. 10(1997) 3. p. 231.

ни позитивни ефекти преку стимулирање на приватното инвестирање и економскиот развој во регионите.

Постојната дисхармонија кај транспортните модели, ја наметнало потребата за превземање на соодветни мерки на национално и локално ниво во контекст на транспортната политика:[6]

- економската политика да посвети посебно внимание на оние фактори кои придонесуваат за зголемување на потребите на транспортните служби, посебно факторите кои овозможуваат поврзување со производствените процеси.
- социјалната и образовната политика, да биде усогласена со добрата организација на работното време и времето на школување, за избегнување на можните сообраќајни преоптоварувања и сообраќајни метежи, посебно за времето на поаѓање и враќање од работа, односно училишта кога и се случуваат најголемиот број на несреќи;
- буџетската и фискалната политика да биде проектирана во согласност со екстерните трошоци и трошоците на заштита на животната средина;
- да се посвети поголемо внимание на секторот на железничкиот сообраќај и пазарната ориентираност на големите компании да биде насочена преку овој вид на услуги;
- интермодалитетот во транспортниот сектор, како фундаментален чекор за надминување на доминантноста на патниот сообраќај.

Значи приоритетите требало да бидат насочени кон техничка хармонизација и меѓуоперативност помеѓу системите. Во контекст на тоа ЕУ финансиски потпомага многу програми за надминување на постојните состојби и димензионирање на транспортниот систем на ниво кое е во согласност со транспортната политика на ЕУ. На пример програмата "Марко Поло" наменета првенствено за промовирање на морските патишта, во контекст на поголема економска ефикасност на овој вид сообраќај.[7]

Политика на Трансевропска транспортна мрежа во својата програма предвидувала оптимализација на интеррегионалните транспортни услуги на европско ниво низ мултимоделен пристап, интероперативност помеѓу земјите членки и користење на интелигентните транспортни системи во секој транспортен модел. Транспортната политика главно се фокусирала на консо-

[6] EC: White paper: *European transport policy for 2010: time to decide*. Luxembourg: Office for Official Publications of the European Communities, 2001. pp. 16-21.
[7] EC: White paper: *European transport policy for 2010: time to decide*. Luxembourg: Office for Official Publications of the European Communities, 2001. pp. 18-19.

лидирање на транспортните мрежи во земјите членки, подобрување на услугите, елиминирање на тесните грла, креирање на европски брзи железници, креирањето на нови линии кои ќе го унапредат економскиот развој во периферните области со недоволна инфраструктурна екипираност. ТЕТМ исто така ја фокусирала својата политика и на поврзувањето на ЕУ со соседите, посебно пристапот кон Медитеранските земји, земјите од Југоисточна Европа и Западен Балкан.

Цели на транспортната политика во ЕУ

Главна цел на ЕУ со креирањето на Трансевропската транспортна мрежа (ТЕТМ) претставува трансформирањете на 27-те сообраќајни национални мрежи во една единствена сообраќајна мрежа со европски димензии. ТЕТМ постепено треба да се оформи до 2010 година со целосно интегрирање на копнената, морската и воздушната транспортна инфраструктурна мрежа. Како специфични цели со етаблирањето и развојот на трансевропската транспортна мрежа биле поставени следните: обезбедување на одржлива мобилност на лица и добра под најдобри социјални, еколошки и безбедносни услови, интегрирање на сите модели на транспорт, притоа водејќи сметка за нивните компаративни предности. За достигнување на ваков сообраќаен модел како приоритети биле нагласени следните: отстранувањето на "тесните грла" и поврзување на подрачјата со недоволна сообраќајна комуникација. Сите поодалечни региони на Заедницата требало да се интегрираат во еден единствен систем. Во овој сообраќаен модел прогресивно би се вклучиле и останатите земји од Европа.[8]

Од една страна како главни цели на идната сообраќајна политика би биле:

1. Создавање на рационален сообраќаен систем за задоволување на потребите за превоз, зголемување на продуктивноста, економичноста и рентабилноста на сообраќајните претпријатија;
2. Комплетирање на сообраќајната инфраструктура со цел задоволување на сообраќајните потреби и валоризација на сообраќајно-географските предности на нашата земја во меѓународниот сообраќај, со изградбата на нови (железнички пруги) и модернизација на постојните сообраќајници;
3. Вклопување во светските и европските норми и стандарди;

[8] Kenneth B. *International transport: Linking Europe's future to the rest of the world. Innovation*: "The European Journal of Social Sciences". Vol. 10(1997) 3. pp. 231-235.

4. Елиминирање на одредени дисторзии и последици на претходната сообраќајна политика кои битно влијаеле на намалувањето на конкурентските способности кај сообраќајните претпријатија;
5. Стимулирање на пазарната ориентација и развој на сообраќајот;
6. Развој и примена на современи методи и техники во планирањето на сообраќајот, за негово усогласување со просторот и економскиот развој;
7. Брзо и ефикасно вклучување во меѓународните сообраќајни системи, особено со соседните земји;
8. Развој на институционална инфраструктура на сообраќајниот систем, што подразбира:
   - адекватна распределба на надлежностите и компетенциите (одлучувачка моќ и средства) на различно ниво на државаната управа, за запазување на хиерархискиот однос;
   - флексибилно, но сепак доследно доградување и усогласување на стопанско-системските решенија на барање за функционирањето со големите инфраструктурни системи;
   - образовна и кадровска екипираност на државните институции кои треба да ги дефинираат, реализираат и следат остварените цели на развојот на сообраќајната политика, вклучувајќи го и образовниот, научно-истражувачкиот и статистичко-информациониот аспект;
   - дефинирање и усвојување на документи за сообраќајната политика на сите нивоа на управување;
   - подобрување во управувањето во рамките на државните институции, вклучувајќи ги и претпријатијата во областа на сообраќајот;
   - едуцирање на населението и оформување на посебни кадри во релевантните институции кои ќе бидат оспособени да иницираат и реализираат цели, стратегии и барања во склад со сообраќајната политика на државата;
9. Стимулирање на јавниот сообраќај во градовите;
10. Информирање на сите субјекти во сообраќајот (претпријатија и граѓани) за сообраќајните проблеми и екстерни ефекти;
11. Зголемување на безбедноста во сообраќајот.

Специфичните цели на транспортната политика во ЕУ, може да ги разгледаме од три аспекта:

- економски;
- социјален;
- и заштитата на животната средина.

Економски цели. - Ефикасниот транспортен систем се очекува да одигра главна улога во регионалниот развој на Унијата. ТЕТМ посебно внимание им посветила на следните цели кои се од особена важаност за транспортната политика на ЕУ и кои би овозможиле:

- креирање на мошне силна и здрава економија способна да генерира нови заеднички инвестиции;
- развој и оформување на концептот за одржлив развој со подобрување на квалитетот на сегашната животна средина и да ги заштити идните природни ресурси без да го жртвува сегашниот економски пораст;
- висок степен на лична безбедност и намалување на сообраќајните метежи и загадувања;
- поголема понуда и поширок избор на транспортни можности при транспорт на патници и на материјалните добра и можност за повисок степен на експедитивност при доставувањето до најразлични дестинации;
- обезбедување добра поврзаност помеѓу регионите и периферните делови од Унијата со нејзиниот центар;
- воспоставување на најповолни врски помеѓу земјите партнери од Централна и Источна Европа, како сегашни членки на Унијата, земајќи предвид и идното проширување со земјите од Западен Балкан.

Европската Комисија направила нацрт проект на ТЕТМ, при што проценила дека финансирањето на овој голем проект претставувал доста голем проблем, при што биле вложени напори за вклучување и на приватен капитал во многу проекти.[9]

Комисијата направила проценка дека транспортниот промет ќе се дуплира до 2020 година Инвестиците во транспортната инфраструктура за периодот 2000-2006 година изнесуваа 738 милијарда ЕУР, додека инвестициите кои се потребни за комплетна модернизација на ТЕТМ за периодот 2007-

[9] Papa M.: *Efficient Transport - Prerequisite for Integration*. "Euroscope Reports". No.4/1999. p 8. http://www.imo.hr/europa/publics/euroreport/index.html

2020 ќе изнесуваат 500 милијарда ЕУР, од кои 270 милијарда ЕУР, ќе бидат потрошени за приоритетните транспортни оски и проекти. Во тој поглед мора да се постигне целосна соработка со националните влади на земјите членки околу дефинирањето на приоритетните проекти за да се обезбеди целосна ефективна координација на ТЕТМ. Состојбите околу транспортната инфраструктура на 27-земји членки на ЕУ покажуваат дека се располага со 5.000.000 км асфалтирани патишта, од кои 61.600 се автопатишта, 215.400 железнички линии, од кои 107.400 км електрифицирани и мрежа од 41.400 км на внатрешни водени патишта.

Социјални цели. - Ефикасно развиената транспортна мрежа се очекува да овозможи добро развиен локален и регионален транспорт на патници. На тој начин ќе се намалат социјалните дискриминации во транспортот на луѓе, овозможувајќи им на луѓето кои немаат сопствени возила да стигнат до своите работни места, училишта, медицински установи и да го користат јавниот транспорт при извршување на слободните активности. Од тие причини како главни социјални цели и приоритети на Европската унија во доменот на транспортот се дефинирани следните:

- подобрување на пристапноста на сите граѓани, без оглед на нивните приходи, физички способности и локација на живеење;
- подобрување на работните услови за работниците преку транспортните услуги во Европската унија.

Заштита на животната средина. - Турбуленции би можеле да бидат предизвикани и од "тежината и чувствителноста" на Европската агенда за заштита на животната средина. Таа е присутна во целите на секоја идна политика за долгорочен развој на ЕУ. Колизиите помеѓу процесот во креирањето на единствен пазар и заштитата на животната средина, денеска е пресуден, може да се рече и критичен сегмент за понатамошниот развој во Европа. Во тој контекст ТЕТМ претставува една од главните арени каде овој конфликт може да се манифестира.

Наспроти огромните придобивки во социјалната и економската сфера, транспортот претставува значителен загадувач на животната средина. Најсериозен загадувач од тој аспект е патниот сообраќај, чие учество е доминантно во последните неколку децении во превозот на патници. Потрошувачката на енергијата во овој сектор се проценува дека изнесува 30% од целосната потрошувачка на енергија во рамките на Унијата. Истражувањата покажале дека патниот сообраќај учествува со 75% во емисијата на штетните гасови (и учествува најмногу во создавањето на ефектот на стаклена градина).

Трошоците настанати со загадувањето на животната средина, сообраќајните незгоди и сообраќајните метежи спаѓаат во групата на екстерни

трошоци. Сообраќајните незгоди и загадувачите на животната средина имаат различен удел во вкупниот удел на екстерните трошоци: 29% од сообраќајните незгоди, 25% од загадувачите на воздухот, 23% во климатските промени, 7% бучавата, 3% природата и природните пејзажи, 1% во урбани оштетувања и 11% дополнителни трошоци. Во врска со уделот на екстерните трошоци по транспортни гранки, анализите покажале дека: 92% учествува патниот сообраќај, 6% воздушниот сообраќај, 1,7% железницата и водениот сообраќај учествува со 0,3%. Големината на овие екстерни трошоци од транспортот во Швајцарија изнесувале до 10% од БДП, во Германија 2,7% од БДП, додека само екстерните трошоци од сообраќајни несреќи во Швајцарија и Норвешка достигнале 7,8% од БДП, а од загадувањето на животната средина изнесувале помеѓу 0,5-3,7% од БДП.[10]

COST-BENEFIT анализи во инвестирањето на транспортната инфраструктура

Дека за развојот и модернизацијата на транспортната инфраструктура не постојат граници, и дека високоразвиените земји постојано вложуваат во осовременувањето на сообраќајната технологија, говори и податокот за изградба на тунелот помеѓу Франција и Велика Британија каде сообраќаат мошне брзите, таканаречени "шатл возови". Прелиминираните работи започнале во 1987 година, а тунелот е пуштен во сообраќај во мај 1994 година. Тунелот се протега во должина од 50,45 км (31.35 милји), на растојание од Фолкестоне (Folkestone) во Голема Британија до Кокел (Coquelle) во Франција и е во надлежност на приватната компанија Еуротунел. Самиот тунел е составен од три паралелни тунели (два за железнички транспорт, еден сервисен тунел составен од околу 270 премини, кои се распоредени на секои 375 метри во случај на можна хаварија). Се протега на длабочина на 25-45 метри под морската површина, во зависност од конфигурацијата на морското дно и петрографскиот состав на горните слоеви. За трасирање и конструкција на тунелот, посебно за добивање на прецизни информации за потребите на инженерските и геофизички истражувања се користени сателитски податоци. Се проценува дека трошоците за изградба на овој проект се движат околу 13,5 милијарди УСД, а биле ангажирани вкупно 15.000 работника.

Втор грандиозен инфраструктурен објект кој не познава природни препреки во изградбата на комуникациските врски претставува мостот Оресунд, кој ги поврзува Данска и Шведска, пуштен во сообраќај во 2000

[10] Steiner S., Badanjak D., Bozicevic J.: *External transport costs as element of planning policy*. "The Organization and safety of traffic in larg citie". The Fifth International conference, 19 September, Saint Petersbourg, 2000. pp. 3-6. http://www.ari.spb.ru/conference/stainer.htm

година. Двете скандинавски земји со изградбата на овој инфраструктурен објект повторно и физички се поврзуваат меѓу себе по пауза од околу 7000 години. Ова метафора произлегува од фактот дека во глацијалната ера, благодарение на дебелата ледена кора што го прекривала морето меѓу нив, ретките претставници на човечкиот род и мамутите биле единствените кои преминувале од едната на другата страна без никакви пречки. Мостот Оресунд ја изразува технолошката перфекција што ја поседуваат овие две скандинавски земји и за негова изградба се потрошени околу 2,4 милијарди долари. Големите средства што се потрошени на изградбата на мостот, според анализите на планерите се очекува во релативно кус период да бидат вратени. Имено, се проценува дека изградбата на мостот ќе има големо влијание врз развитокот на целиот регион на Оресунд, вклучувајќи ги тука и двата града Копенхаген и Малме. Според некои видувања, сосема бргу целата оваа област, под влијание на економските потенцијали што ќе ги поттикне градбата на мостот, би можела да се претвори во еден нов модерен урбан конгломерат, кој би опфаќал и нова универзитетска мрежа од околу 11 колеџи од регионот. Се проценува дека изградбата на мостот ќе предизвика понатамошен развиток на регионот, на кој веќе се га отпаѓа по околу дваесетина отсто од бруто-националниот производ на обете земји, пришто се оди дотаму што се прогнозира дека регионот би можел да стане еден вид економски инкубатор за сите нордиски земји. Многу компании примамени од новите можности го најавуваат своето селење од прескпаите метрополи Стокхолм и Копенхаген, сместувајќи се близу оваа локација.

Новоизградени транспортно-инфраструктурни проекти имаме и во непосредно наше опкружување. Изминатите години интензивно се градеа неколку автопатишта во Хрватска. Со автопатиштата во Хрватска во вкупна должина од 1198,7 км управуваат четири претпријатија: Хрватска аутоцеста д.о.о. (во должина од 816,7 км); БИНА-ИСТРА д.д. Пула (141 км); Аутоцеста Ријека-Загреб д.д. (181 км); Аутоцеста Загреб-Марцељ (60 км). Само во 2008 година биле пуштени 41,5 км новоизградени автопатишта, а за 2009 година се очекуваат да бидат изградени 51,80 км нови автопатишта, 1 км на брз автопат, 8,86 км дополнување на полн профил и 11,46 км делови од тунелот Мала Капела и Свети Рок. За 2009 година се планира започнување на изградба на нови 155,3 км автопатишта и 43,2 км изградба на постојни делници до полн и комплетен профил на автопатишта. Само инвестициите во автопатишта за 2008 и 2009 година за нови делници ќе изнесуваат 992 милиони ЕУР, а за изградени делници 96,77 милиони ЕУР. Транспортниот промет во 2008 година забележал пораст од 8,9%, додека БДП за истата година во Хрватска бил зголемен за 3,1%. Ваквата состојба со квалитетна мрежа на патишта во голема мера го растоварија сообраќајниот метеж, особено во летната туристичка сезона пристапот до приморските туристички центри и летувалишта.

Во 2006 година започна и изградбата на транспортниот коридор во Албанија, Морине-Кукс-Драч, кој опфаќа автопатишта и неколку туинели. Изградбата на првиот автопат во Албанија од страна на американската компанија Бехтел, турската - Енка и хрватската - ИГХ, беше проследен со невидена национална еуфорија. Овој автопат е најголем инфраструктурен проект кога било направен во Албанија и кој е граден по урнекот на хравтскиот модел на автопат. Финансиската конструкција и проекцијата за овој инфраструктурен проект на почетокот се проценуваше на 400 милиони ЕУР, иако се проценува дека трошоците ќе изнесуваат околу 700 милиони ЕУР. Но имајќи предвид дека пристаништето Драч е едно од најпропетните во регионот и дијагонално се поврзува со североистокот на земјата, односно со Косово, од каде што очекуваат голем туристички промет, уверувањата се дека во идните 10 години овој транспортен проект ќе ги постигне очекуваните инвестиции. Покрај овој транспортен проект, во Албанија интензивно се гради и автопатотот "Руга е Арбрит", кој ја поврзува Тирана ос граничниот премин Блато, на албанско-макеоднскат граница. За довршување на овој проект останале уште 40 км патишта, но работите на оваа делница ќе бидат отежнати поради непристапната конфигурација на теренот и планинскиот предел. Со овој патен правец, растојанието Тирана-Блато, од 183 км ќе биде намалено на 80 км и се проценува дека ќе изнесува 200 милиони ЕУР. Нашата земја ќе има повеќекратна корист од овој патен правец, поради пристапноста до многу покусиот пат до пристаништето Драч и поради големиот протек на возила кој се очекува да се реализира на овој географски простор.

Кај нашиот јужен сосед веќе неколку години интензивно се гради автопатот Егнација од Игуменица до Александропулос. Транспортниот проект Егнација претставува модерен автопат кој ќе овозможи поврзување на западниот дел со источниот дел во Северна Грација. Должината на овој автопат изнесува 680 км и целиот сообраќаен систем е опслужува уште со 720 км сервисни патишта, распоредени во 9 вертикални оски, кои ќе овозможат поврзување со Албанија, Македонија, Бугарија и Турција.

Овој проект е дел од 14 европски транспортни проекти дефинирани во германскиот град Есен. Нашата земја доживува низа непријатности од страна на Грција за добивањето на зелено светло и финансиска помош за транспортните коридори (особено за Коридорот 8) токму поради изградбата на овој инфраструктурен проект. Имено, при утврдување на транспортните коридори, Република Грција како членка на ЕУ и како земја која може да одлучува при финансирањето на одредени развојни инфраструктурни проекти, настојуваше Македонија да биде изземена во транзитирањето на коридорот 8 и овој коридор да се протега низ територијата на Република Грција. Грчката страна имала долготрајни лобирања насекаде во европските институции, дека патот кој веќе го градела и кој се протега низ нејзини северните

провиниции со избрано име "Егнација", претставува "Балкански комуникациски објект", иако минува само низ грчка територија. Избраното име "Егнација" требало да ја импресионира Европа, алудирајќи на познатиот римски пат "Виа Егнација" иако неговата траса делумно поминувала низ сегашната територија на Република Грција, а во многу поголем дел поминувал низ територијата на нашата земја. Сегашниот коридор 8, Грците го нарекле "Параигнациа", зборувајќи при тоа дека истиот нема никаква иднина. Се одело и дотаму, што грчкото Министерство за транспорт се обидело да му сугерира на албанското Министерство, индиректно преку стручно неиздржани пилот студии, изработени од италијански консултативни фирми, да ја заобиколат Македонија, со приклучување на трасата од Албанија кон нивната "Егнација". На сето тоа, било одговорено дека Грција треба да ги усогласи своите со интересите на своите соседи и дека всушност Грција мора да знае дека претставувала транспортен барател, а не транспортен сервисер.[11]

Но, по две-три години од отворањето на досието на коридорот Исток-Запад, овој проект бил поддржан од најголемите државници на Германија, Италија, САД, Франција, Русија, Турција и се разбира, на Албанија, на Бугарија и на Македонија, кои со државние билатерални и мултилатерални договори го почнале процесот за создавање услови за ревитализирање на овој коридор. Со Критските договори тоа и формално било сторено, заедно со останатите транспортни коридори, со што бил направен голем напредок кон европската интеграција.[12]

Вакви инфраструктурни проекти има и кај останатите земји во соседството: во Србија интензивно се работи на докмплетирање на Коридорот 10, до нашата граница. Во Бугарија има интензивни градежни активности на патната, железничката и гасоводната инфраструктура (особено преку гасоводните проекти Набуко и Јужен тек).

Може ли Македонија да биде сообраќајна раскрсница на Балканот

За жал и покрај досега наведените погодности, досегашниот развој не може да се смета како поволен. Ако се направи преглед во плановите и програмите за изградба на патната, железничката и авионската инфраструктура во нашата земја, се чини дека Македонија не успеала доволно уверливо да и ги предочи на Европа, своите транспортни интереси, дури и тогаш кога очигледно тие би биле и во европски интерес (недовршената делница на железничкиот коридор 8). Во тој поглед може да се каже дека е потценето

[11] Лепавцов А.: *Просторниот развој на Република Макеоднија во функција на современата концепција на сообраќајниот систем*. "Сообраќај и комуникации 2000 стратегиски правци за развој": зборник на трудови. Охрид 28-30.09.2000. стр. 16.
[12] Ibid, стр. 16.

значењето на инфраструктурната екипираност во источниот дел на Македонија, во однос на финансирањето на проектите од страна на европските финансиски фондови кои се однесуваат на инфраструктурните проекти во западниот дел на Македонија.

Ова укажува дека и покрај комплементарните предности на географската местоположба, Македонија може во одредени ситуации да биде и потценета, па и навредена, ако одредени важни меѓународни институции и тела го игнорираат значењето на нејзината географска местоположба во транспортниот систем на Европа. Од тие причини нашата земја мора преку своите надлежни институции, поуверливо да настапи во промовирањето на сообраќајно-географската местоположба на Македонија, кај европските стручни кругови во поврзувањето на Западна и Централна Европа со Југоисточна Европа и во заокружувањето на комуникациите во европската транспортна мрежа.

Нема сомнение дека политиката која има за цел намалување на конкурентноста на македонскиот транспортен простор, сериозно може да го наруши геопрометниот потенцијал на Македонија и да ги дестабилизира стопанските интереси на нашата земја. Кон остварување на таквата политика, можат во голема мера да придонесат и одредени потези на "посилните страни", кои во стилот на развивање на транспортната интеграција ги фаворизираат своите интереси. Уште поштетна би била политиката која за крајна цел би имала заобиколување, односно маргинализирање на нашата положба. За зголемување на прометот на стока и патници, не треба да се занемари и улогата на Скопје како единствен транспортен јазол од таков вид во државата. Во тој поглед можеби би требало да се разгледува можноста и за формирање уште еден паралелен транспортен јазол, а тоа е градот Битола. Битола во сегашното и идното поврзување, во голема мера може да ги привлече и пренасочи транспортните текови од југозападниот дел на државата кон централниот и источниот дел. Би било сосема недоволно кога политиката на зајакнување на транзитот би била насочена кон зголемување на физичниот обем на транзитниот промет. Транспортната политика која не води сметка и за степенот на искористување на нашиот транспортен систем, од ангажирањето на потребните инвестициони средства и работна сила, до трошоците на одржување на тој систем, потрошувачката на гориво, екстерните трошоци како што се загадување на животната средина и сл., не може да биде прифатлива основа за поголемо привлекување на транспортните текови.

Наместо со улогата за привлекување на секаков вид на промет кај нас и по секоја цена, тежиштето на идниот развој на меѓународниот промет кај нас, би требало да се стави на квалитетот на прометот, со максимализирање на приходите од потрошените ресурси.

Се разбира, за да се овозможат овие достигнувања, ваквата политика има и свои ограничувања, кои не произлегуваат само од состојбата на меѓународниот пазар на транспортни услуги, туку и од можностите на нашата земја да ги оствари овие цели. Во дадените околности потребно е да се воспостави реален однос помеѓу она што сакаме и она што можеме да постигнеме во одредена временска динамика.

Финансиските средства како ограничувачки фактор во вклучувањето на Р. Македонија во европските транспортни прометни текови

Особено голем проблем во реализирањето на идните транспортни проекти претставува финансирањето. Изградбата на транспортната инфраструктура побарува големи инвестициони средства. И во најразвиените земји е присутна глад за инвестиции во инфраструктурата. Поради тоа, престап е да се гради таму каде што не се исполнети економските барања според метод "Cost-Benefit" (трошок-корист), гледано низ призмата на краен временски развоен период на регионот каде што ќе се инвестира.

Економската наука и историското искуство укажуваат дека економскиот развој на подолг рок кај земјите во развој или во транзиција, по правило се одвива во услови на недостаток на инфраструктурни во однос на производни капацитети. Тоа се должи поради располагање со ограничен инвестиционен капитал, кој заедно со останатите ограничувања на употребата на развојните ресурси, оневозможуваат постигнување на оптимален однос во изградбата на инфраструктурните и производните капацитети. Ваквите истражувања биле присутни и кај Хиршман и Фреј, кои ги истакнале следните забелешки: [13]

1. Дека е невозможен истовремен раст на инфраструктурните и производни дејности во оптимален однос;
2. Во изборот на инвестициони приоритети помеѓу едните и другите, предност треба да се даде на оние кои ги максимизираат учиноците на "индуцираните" одлуки, односно на "индуцираните" инвестиции, со други зборови, кои ќе дадат максимални развојни ефекти во одреден временски период.

Од ваквите анализи произлегле и две стратегии на економскиот развој, посебно значајни за земјите во развој и тоа:

[13] Cit. Hirschman, 1973. str. 88.
Pasalic, Z.: Osnove hrvatske gospodarske infrastructure. Split: Ekonomksi fakultet, 1999. str. 21-22.

1. Стратегија на развој поради вишок инфраструктурни капацитети, и
2. Стратегија на развој поради недостаток на инфраструктурни капацитети.

Првата стратегија претпоставува дека по правило државата осигурува и поттикнува вложување во инфраструктурните системи и на тој начин создава примамливи услови (претпоставки), кои ги мотивираат претпријатијата да вложуваат во производните капацитети, очекувајќи високи профити, поттикнати од екстерните погодности, кои ги дава веќе изградената инфраструктура.

Втората стратегија претпоставува, дека поради недостаток и отсуство на инфраструктурните капацитети на одреден простор, производните капацитети кои на него дејствуваат, а и самото население, вршат притисок, недостатокот на инфраструктура (која го ограничува економскиот развој) да се надмине со негова изградба. Оваа стратегија, секако претпоставува дека секогаш постои одреден минимум на инфраструктурни капацитети на одреден простор со што производните дејности би можеле да функционираат и населението би можело да ги задоволи минималните потреби од инфраструктурните услуги.

На помалку развиените земји и земјите во развој најчесто се препорачува примена на "стратегија на развој со недостаток на инфраструктура", но со постоење на инфраструктурен минимум за функционирање на општествениот и економскиот живот. Во тие земји ограничената акумулација (инвестиционен капитал) оневозможува истовремен хармонизиран развој на инфраструктурните и производните капацитети.

Во суштината на поимот инвестиции е вградена и економската логика на оплодување - се ангажираат средства за да се оствари приход (некој износ на корист), чија големина треба да биде таква што би се надоместиле (вратиле) ангажираните средства, а содржи уште и прираст (добивка). Оттаму, прирастот е мотив на инвестирањето. Тој претставува суштина на инвестирањето.[14] Што се однесува до вложувањето во инфраструктурата, особено транспортната инфраструктура, потребен е не само голем обем на капитал, туку и враќање на вложениот капитал. Но поради самата природа на конструкција на транспортната инфраструктура, која се одвива на подолг временски период, враќањето на вложениот капитал е многу побавно, за разлика од враќањето на инвестициите во производните капацитети.

Долгорочната, трајна и активна политика во креирањето на оптималните односи на производните и инфраструктурните капацитети мора да има

[14] Несторовски М.: *Економија на инвестициите*. Скопје: Економски факултет, стр. 20.

приоритена задача во економскиот развој на земјата. Обично се истакнува дека во почетната фаза на развојот на инфраструктурата, приоритет се дава кон пополнување на недостатокот на капацитетите; во втората фаза нужен приоритет треба да се посвети кон креирање на реален и конзистентен план за новите можности; додека во третата фаза како повисок степен на развој да се овозможи урамнотежен развој. Во тој поглед, стратегијата на избалансиран развој на инфраструктурата и на производните капацитети се смета за реална кај земјите со развиени стопанства, додека за земјите со помалку развиени стопанства (како што е нашата земја) се смета за приоритетно користењето на постојната инфраструктура, а потоа (кога постојната не ги задоволува нараснатите потреби) изградба на нови инфраструктурни капацитети. Во тој контекст и истражувањата покажуваат дека порастот на бруто домашниот производ (БДП) и капацитетите на инфраструктурата имаат исти вредности. Искуството покажало дека порастот на инфраструктурните капацитети од 1% се пропратени со 1% БДП по правило во сите земји.[15]

Секое зголемување на инвестициите во капитални фондови го скратува времето за постигнување на развојните цели на економскиот развој, и обратно, доколку се намали нивото на штедењето (инвестициите), се зголемува времето за кое можат да се постигнат целите на економскиот развој. Се разбира, нивото и темпото на економскиот развој не се условени само од обемот на штедењето, туку и од ефикасноста на секторската и просторна алокација на инвестициите.[16] Според основните начела на инвестиционата политика (ускладеноста со основните цели на општеството и компаниите) и објективноста во одредување на најповолните инвестициони решенија кои треба да бидат финансиско поддржани и општествено организирани, да се користат основните економски критериуми (ефикасност на успехот, реалност и оптималност во вреднувањето, најдобри можни решенија) да се сведат конфликтите на што помала мера, да се оптимизираат сите стопански и општествени планови, да се води сметка за националните интереси, да се минимизираат трошоците на вложување, а максимизираат резултатите. Инвестиционата политика за да може успешно да биде координирана и реализирана, потребни се постојани организациони промени и нивно благовремено прилагодување на новонастанатите ситуации, како и брзо и експедитивно реагирање со адекватни мерки во моментот на негативниот тек на настаните.

Оваа година Владата на РМ објави Програма за инфраструктурни проекти за периодот 2009-2016 година во вкупна вредност од 8 милијарди евра. Од нив во транспортот е предвидена модернизација на регионалните и локалните патишта и железнички пруги во вредност 3,8 милијарди евра, во енергетиката се предвидени исто толку пари за 30-тина проекти и 100

[15] Infrastructure for Development, 1994, str. 1-3
Pasalic, Z.: Osnove hrvatske gospodarske infrastructure. Split: Ekonomksi fakultet, 1999. str. 21-22.
[16] Несторовски М.: *Економија на инвестициите*. Скопје: Економски факултет, стр. 119.

милини евра се предвидени за водоводи и канализации во над 400 населени места. Изградбата на овие проекти и нивно реализирање секако дека побаруваат голема финансиска, стручна и издржана планска активност.[17]

Планирањето на транспортната инфраструктура претставува акт на колективна креација, која бара големи научни познавања, визија, интуиција, поседување на голема стручност и култура, но и дух за истражување, за анализа и синтеза за идниот развој на просторот. Планирањето на транспортните оски во долгорочно планирање на економскиот развој имаат посебно големи временски и просторни инерции, при што времето за нивно евентуално дислоцирање се мери со децении. Од тие причини мора со висок степен на начност и стручност да се пристапи кон реализација на ваквите транспортни проекти.

Недостигот на финансиски средства и јасна политика на Владата на Република Македонија, не дозволуваат поголемо и поактивно учество на нашата држава во сообраќајниот јазол на Блаканот. Постојано има одредени противречности околу искористувањето на средствата од европските ИПА фондови за транспортните проекти во нашата земја. Има навестиување дека предвидените финансиски средства ќе се искористат само за Коридорот 10, за делницата Демир Капија-Удово-Смоквица и од српско-македонската граница до Табановце. Изградбата на транспортните проекти (автопатишта и железнички пруги) на Коридорот 8 е премногу скапа, иако и двата Паневропски коридори 8 и 10 се со еднаков приоритет.

Во склоп на Коридорот 8 спаѓа и изградбата на скопската обиколница во должина од 26,5 км. Оваа обиколница се состои од делниците Хиподром-Оризари и Оризари-Сарај. Вкупната вредност на целиот проект изнесува 130 милиони евра, од кои инвестициони средства потребни за изградбата на делницата Хиподром-Оризари, во должина од 13,5 км ќе чини 36 милиони евра. Овие средства инвеститорот, Фондот за патишта, ги зел на кредит од Европската инвестициона банка (ЕИБ) и Европската банка за обнова и развој (ЕБОР).

Географската и стратешка диспозиција на просторот на Република Македонија и централно нагласената развојна оска на Вардарската долина, може да предизвика поширок интереси во европската транспортната политика. Една современа ориентација на транспортните процеси и иницијативи на нашата земја и поширокото окружување, може да поттикне иницијална енергија, од која може да резултира покомплексна и поперспективна ориентација на стопанските текови на нашата земја во европските просторни констелации. Меѓутоа, споредувајќи ги градежните транспортни активности на нашата земја со земјите во регионот и пошироко, добиваме јасна

[17] Ставрески, З.: Инфраструктурни проекти 2009-2016. Дневник, 06.03.2009 стр. 15.

претстава дека значително заостануваме на овој план. Владините размислувања за надминување на ваквата неповолна состојба ја гледаат преку доделување концесија на дел од патните правци во државата. Експертите јасно ја истакнуваат својата разочараност што властите не успеале да се изборат и излобираат повеќе пари за инфраструктурата од Коридорот 8. Токму со европски пари нашите соседи Бугарија и Грција изградиле голем дел од својата инфраструктура.

Со стабилизирање на состојбите со финасниската криза во светот и во регионот, се очекува и состојбите и во доменот на транспортната инфраструктура да се подобрат. Во тој контекст, особено значаен е фактот што одредени регионални иницијативи се насочени и кон создавање на Балкански пазар, каде би профункционирал повисок степен н либерализација и интеграција помеѓу земјите. Постојните иницијативи за слободни трговски зони на овој простор, кои досега остануваат неспроведени и без практична реализација се очекува во иднина да бидат со позитивни ефекти на реализација, а кои секако ќе се одразат и во зголемувањето на економскиот развој во нашата земја. Од значењето на овие иницијативи произлегува и значењето на транзитните туристички правци кои претставуваат погодни потенцијали за развој на транзитниот туризам, иако се уште не е доволно искористена поволната туристичка положба на Република Македонија за развој на овој вид туризам.

Македонија ќе мора приоритетно да го подигне квалитетот на своите транспортни врски кон развиениот простор на Европа, со доизградба на железничките врски и мрежата на автопатишта. Тоа би бил најбрз и најуспешен начин за вклучување во европскиот стопански простор и остварување на непосредна интеракција со неговите стопански жаришта. Транспортните врски би овозможиле и разновидна понуда на специфични инфраструктурни услуги врзани за прометот, како на пример, складирање, претовар или користење на безцарински зони.

Во идните проекции на транспортниот систем на Балканскиот регион предвидено е да се изгради и оформи квалитетен и безбеден железнички систем во регионот. Анализите покажуваат дека постојната железничка мрежа е со ниска комерцијална брзина од 60 км на час, со недоволен капацитет на главните рути меѓу клучните урбани центри, со големи застои на граничните премини и со лош квалитет на услугите. Во иднина се предвидува формирање на управен квалитет со претставници од министерствата за транспорт и од националните железници во земјите од југоисточна Европа. Овој комитет ќе биде одговорен за координација, поддршка, олеснува, мониторинг и севкупна реализација на активностите. Со овој проект се предвидува брзината на патничките возови во балканските земји да биде зголемена од 130 на 160 км на час, а на одредени места и до 220 км. Комер-

цијалната брзина за товарните возови ќе биде соодветно прилагодена во однос на брзината на патничките возови.

Заклучок

Сообраќајот претставува главна задача за сите напредни земји. Заедно со енергетиката се сметаат за темели за понатамошниот стопански развој. Затоа основно економско правило е сообраќајот да се развива паралелно со останатото стопанство, односно и пред него, како би овозможил негов развој и не би претставувал кочница за нормалниот развој. При тоа од голема важност е сообраќајните капацитети и сообраќајните средства да бидат адекватни на сообраќајните потреби.

Во општествено-економски поглед секое организирано планско стопанство мора да води сметка за поврзаноста на производниот и транспортниот процес за пропорционален развој на сообраќајот и стопанството, како и хармоничен развој и надополнување на разните сообраќајни гранки. Тоа доведува до потребата државата да мора да одреди една долгорочна економска политика за сообраќајот како стопанска гранка. При тоа треба да се има на ум, дека транспортниот процес се јавува како еден значаен фактор во стопанскиот развој на секоја земја.

Со стабилизирање на состојбите во државата и пошироко во регионот, се очекува состојбите и во доменот на транспортната инфраструктура да се подобрат. Во тој контекст, особено значаен е фактот што одредени регионални иницијативи се насочени и кон создавање на Балкански пазар, каде би профункционирал повисок степен н либерализација и интеграција помеѓу земјите.

Постојните иницијативи за слободни трговски зони на овој простор, кои досега остануваат неспроведени и без практична реализација се очекува во иднина да бидат со позитивни ефекти на реализација, а кои секако ќе се одразат и во зголемувањето на економскиот развој во нашата земја.

DEVELOPED TRANSPORT SYSTEMS AS A GENERATOR OF ECONOMIC GROWTH

Abstract

"Nothing symbolizes or serves the integration of Europe better than the physical linking of transport systems and nothing is more important for the development of the applicant countries than the achievement of efficient infrastructures". This idea is present in the Treaty of the EU when it mentions the possible EU cooperation with third countries in promoting network infrastructure projects of mutual interest. In the Europe Agreements, which foresee that, a priority area for cooperation shall be construction and modernization of transport infrastructure and in the development of transport networks as one of the central challenges for the accession process.

In order to achieve and promotes coherent economic and social development European Union throughout the last three decades have been engaged, firstly, to promote economic and financial cohesion among the EU Member States, and secondly, as part of its responsibility for global development to support the economic and social development of non-EU members states, both those in the process of becoming EU members. In this context, the EU allocates part of its budget to support the economic and social development objectives of third countries. This assistance is channeled into these countries through a large number of instruments designed according to the specific circumstances and needs of individual groups of countries.

Key words: EU, European investment programmes, transport infrastructure, economic and social cohesion.

Литература

1. Borruso G.: *The Adriatic Corridor*. International Adriatic Conference "Vision Planet project INTERREG II". Trieste, Italy - 1,2 1999. pp 1. http://www.univ.trieste.it/vplanet.index.htm
2. Druzic I.: *The Development significance of the Adriatic motorway*. International Adriatic Conference "Vision Planet project INTERREG II". Trieste, Italy - 1,2 1999. pp 13 http://www.univ.trieste.it/vplanet.index.htm
3. European Comission: *Thematic Evaluation of the Impact of Structural Funds on Transport Infrastructures*. (Final Report). Oscar Faber, United Kingdom..et al., 2000, pp.1-3.
4. European Commision: *Cohesion and Transport*. Brussels, COM(98). pp.6-7.
5. European Investment Bank (EIB): *Development of Trans-European Transport Networks: the Way Forward*. Luxembourg. Fevruary 2001. pp.2-3. http://www.eib.org

6. European Investment Bank (EIB): *Development of Trans-European Transport Networks: the Way Forward. Luxembourg*. Fevruary 2001. pp.4-5. http://www.eib.org

7. EC: White paper: *European transport policy for 2010: time to decide*. Luxembourg: Office for Official Publications of the European Communities, 2001. pp. 10-15.

8. Лепавцов А.: *Просторниот развој на Република Македонија во функција на современата концепција на сообраќајниот систем*. "Сообраќај и комуникации 2000 стратегиски правци за развој": зборник на трудови. Охрид 28-30.09.2000. стр. 16.

9. Миљоски, К: *Проблеми на теоријата и политиката на недостатно развиени подрачја во Југославија*. Скопје: Економски факултет, 1974. стр. 61.

10. Несторовски М.: *Економија на инвестициите*. Скопје: Економски факултет, стр. 119.

11. Padjen, J.(1996): Prometna politika i politika gospodarskog razvitka. Ekonomski pregled, 47(3-4). 187-197 str.

12. Ставрески, З.: Инфраструктурни проекти 2009-2016. Дневник, 06.03.2009 стр. 15.

657.47 : 338.4(497.7)

Асс. м-р **Емилија БАШЕСКА**
Ивана СТОЈЧЕВСКА

ПОСТАПКИ ЗА ОПФАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ВО ОДДЕЛНИ СТОПАНСКИ ГРАНКИ

Апстракт

Во овој стручен труд, се опфатени трошоците во одделни производствени гранки како што се земјоделството, градежништвото, сообраќајот, трговијата и угостителството. Голем дел од нив се презентирани низ примери, а друг дел е само теоретски опфатен, поради обемноста на трудот. Теоретскиот осврт е според практиката во Македонија, усогласено со Меѓународните сметководствени стандарди.

Клучни зборови: *Сметководство, трошоци, постојани средства, тековни средства.*

Вовед

Процесот на производството е најзначајното подрачје во процесот на проширената репродукција за кое е многу пишувано во литературата.

Значењето и улогата на сметководството е големо за следење на процесот на производството и давање на информации за вложувањата во тој процес. Овој вид на сметководство во изминатите временски периоди е наречувано: погонско книговодство, книговодство на трошоци, а денес поради неговото зголемено значење се нарекува сметководство на производствениот процес (сметководство на производството).

Сметководството на производството не е можно да се унифицира за најсовршено следење на секој процес на производството затоа истото се прилагодува за различните технолошки процеси, различните компании, трговски друштва и друго. Токму затоа во овој труд ќе прикажеме кои информации може да се добиваат и да се даваат од сметководството на производство за мали и средни трговски друштва, а кои се наменети за интерна употреба т.е. информации за донесување на одлуки за производството.

Со цел да се обезбедат потребните информации за интерна употреба, од вложувањата во процесот на производство во мали и средни трговски друштва, сметководството на производството води евиденција за:

- вкупните вложувања во процесот на производство;
- вложувања во процесот на производство по видови на трошоци;
- вложувања во процесот на производство по елементи на структурата на цената на чинење;
- вложувања по елементи на структурата на чинење и по места на трошоци;
- вложувања во процесот на производство по носители на трошоци (производи), елементи на структурата на цената на чинење и по места на трошоци.

1. Специфичности за пресметка на трошоците во земјоделството

Земјоделството е дејност што се занимава со производство на земјоделски производи. Оттука, евиденцијата на трошоците треба да биде прилагодена на таквата дејност, под следните претпоставки:

1. Во земјоделството најважно основно средство е земјата. Таа има особина да и се подобрува квалитетот со вложувањата. Но, проблем претставуваат вложувањата што не даваат секогаш соодветни резултати, туку резултатите се пренесуваат во наредните години. Дури има случаи, вложувањата прво да дадат полоши резултати, а потоа да се почувствува подобрување;
2. Производите на трудот не се наменети само за пазар, туку голем дел од нив се употребуваат за натамошно производство или за преработка. На пример, семе, сено, крма, млеко итн. Тие се јавуваат и како резултат од стопнисувањето и како суровини за натамошно стопанисување. Тука проблем е определувањето на цените на производите што се користат за интерна употреба.

Во теоријата и практиката постојат различни мислења за пресметка и цени на интерни учиноци. Некои сметаат да се употребуваат пазарни цени, некои плански цени, некои стварни цени итн. Но, сите цени, со оглед на тоа што делуваат и субјективни фактори се неточни. На пример, пазарна цена определена во рамките на претпријатието не е пазарна, затоа што купувачот нема дадено збор туку е определена од некој што не купува. За планските и стварните цени може да се рече дека се само приближно точни.

Во последно време некои теоретичари сметаат дека не треба да има цени, туку на секоја организациона единица да ѝ се евидентираат стварно направените трошоци, а според направените учиноци да и се определи учество во распределбата на приходите. Ако има фазно производство да се пренесува од една во друга фаза, па така на секоја организациона единица да ѝ се определи учество во распределбата на приходот спрема учеството на истата во создавање на учинокот.

3. Производството е зависно од природните фактори: топлина, воздух, вода, ветар и сл. Затоа не е можно секој производ да се произведува на секое место или ако се произведува економски е неоправдано (дава ниски приноси).

4. Производството во земјоделството не се создава само со вложување на труд и спојување на предметот на трудот, преку средствата на трудот, туку количеството и квалитетот зависат и од природните услови. Човекот понекогаш ги прилагодува овие услови, но во повеќе случаи тоа се прави делумно или пак е неможно.

Затоа, во земјоделството има голема разлика во создадените учиноци по вложен час. На пример, при вложен час во производството на тутун и вложен час во производството на пченица – се добиваат сосема различни резултати.

5. Вложувањето на трудот во земјодеството има сезонски карактер, од една страна и од друга, тој е зависен од климатските услови во сезоната, поточно од природните прилики и неприлики во определено време. Ваквото работење не дава можност за постојано ангажирање на работната сила, која е во работен однос, на којашто треба да ѝ се исплатува плата и кога не работи, бидејќи тоа треба да се одржува. За книговодството на трошоци при вакви исплати се јавува тешкотија, кој носител на трошоци да биде оптоварен со тие плати.

Во современото стопанство, овој проблем се решава со создавање на земјоделски комбинати, каде што има комбинирано производство и работната сила се распоредува за работа онаму каде што во дадениот момент постојат услови за работа.

Проблем за ангажирање на работната сила денес претставува во т.н. монокултурни земјоделски претпријатија, кои наоѓаат излез со воведување на неземјоделски дејности во својот состав.

6. Во земјоделските компании – претпријатија производството е изложено на работни ризници, односно временски неприлики, коишто делуваат така што ги намалуваат приносите во поголема или помала мера, дури во некои случаи и да не се добие никаков принос, на пример: суша, мраз, поплава, град и тн. Во вакви случаи при

пресметка на трошоци се јавува проблем што за одделни производи, ќе се појави висока цена на чинење.

7. Бидејќи производниот процес има сезонски карактер на него влијаат многу фактори:

   а) нееднакво ангажирање на средствата;

   б) нееднакво користење на капацитетите;

Оттука произлегува и нерамномерна појава на трошоците. Така, трошоците во определено време се појавуваат како многу високи, а во определено време се ниски, а некои дури и не постојат. Затоа книговодството на трошоците треба да му обрне посебно внимание за нивно респределување на истите и добивање на точната цена на чинење на производите.

1.1. Поделба на земјоделското производство

Во основа земјоделското производство се дели на два вида, и тоа:

1. Производи од растително производство, на пример: пченица, тутун, грозје, јаболка и сл.;
2. Производи од животинско производство, на пример: волна, млеко, подмладок и др.

Уште во земјоделските компании – претпријатија има и помошни дејности. На пример, преработка на жито, овошје, грозје, преработка на млеко, преработка на волна, потоа превозничка дејност, разни занаетчиски работилници – механичка, ковачка, дрводелска и сл.

На крајот, земјоделските претпријатија можат да имаат и неземјоделски дејности, пример: трговска дејност, индустриска и друго.

За правилно пресметување на трошоците во земјоделските компании – претпријатија потребно е да има производно – финансиски план, а тој да биде прилагоден како пресметката на трошоците за да може потоа да се врши спроведување.

Трошоците да бидат прикажани во производно – финансискиот план, а и пресметката да се прави разделена по дејности, во рамките на нив по трошковни места, а оттука да се добијат податоци за носителите на трошоците за коишто треба да се изнајде цената на чинење.

Треба да се вршат месечни споредувања на трошоците и тоа за целата компанија – претпријатие, дејностите, трошковните места и за носителите на трошоци.

1.2. Организација на сметководството на трошоците во земјоделско претпријатие

Специфичностите на стопанисувањето со земјоделството предизвикуваат и соодветни специфичности во организацијата на сметководството воопшто, а оттука произлегува и посебниот начин на организација на сметководството на трошоци.

Основни задачи на сметководството на трошоци се: контрола на трошоците и изнаоѓање на цената на чинење на производите. За да се исполнат овие задачи потребна е соодветна организација на сметководството на трошоци за да биде можно да се евидентираат трошоците по видови за целото претпријатие по дејности, а во рамките на нив по трошковни места, по култури и по производи, одделно и вкупно за целото претпријатие.

При организација на сметководството на трошоци, битно е да се тргне од структурата на цената на чинење, која по правило во земјоделството изгледа:

1. Материјали и суровини:
   - сопствени;
   - набавени;
2. Сопствени услуги;
3. Останати директни трошоци;
4. Амортизација како директен трошок;
5. Општи трошоци на изработка
   - материјали;
   - останато;
6. Општи трошоци на менаџмент и администрација
   - материјали;
   - останато;
7. Општи трошоци на продажбата

I.Трошоци на работењето

8. Бруто плати
   - бруто плати за изработка;
   - бруто плати како општи трошоци на менаџментот и администрацијата;
   - бруто плати како општи трошоци на продажбата

II. Цена на чинење

Во сопствени материјали влегуваат: материјалот кој се употребува од сопствено производство, пример: разни семиња, сено за исхрана на стоката, разни крмни култури, млеко за производство на сирење и слично.

Кај овој елемент и елементот сопствени услуги (орање со трактори, транспорт и сл.) се појавува проблемот за определување на вредноста на употребените материјали, односно извршените услуги, бидејќи се поставува прашањето по кои цени тоа да се пресмета.

Кај елементот амортизација, се појавува проблемот што не се пресметува амортизација за најважното основно средство, земјата, бидејќи истата не се амортизира како земја, но губи од состојките што ги има, така, ако не се ѓубри таа ќе дава многу помали приноси, отколку што давала. Секоја пресметана амортизација во земјоделството претставува индиректен трошок па се појавува проблемот за нејзината распределба по производи. Амортизацијата на стоката се пресметува на посебен начин, но речиси секогаш таа не е адекватна на вистинскиот потрошен дел од стоката.

Се поставува прашаањето кои се носители на трошоци во земјоделството. Во зависност од тоа кои дејности се застапени, носители на трошоци се јавуваат: производите од основната дејност на производството – пченица, тутун; производите од животинското производство – млеко, волна, подмладок и др. кои се јавуваат комплексно; производи од преработувачката дејност - четки и тн., учиноците од помошните дејности, разни поправки од механичката работилница, учиноци од споредни и неземјоделски дејности, залихи на материјали, залихи на готови производи и тн.

Карактеристично во земјоделството за општите трошоци на изработка е тоа што можат да се јават во два вида, и тоа: општи трошоци на изработка за поодделни дејности, на пример, за растително производство, за сточарско производство или неземјоделска дејност и тн.

Општи трошоци за изработка на целото претпријатие, на пример, бруто плати на техничкиот директор на претпријатието. Бруто плати на раководителот на растително производство претставува општ трошок на растителното производство, а бруто плати на техничкиот директор е општи трошок за изработка на целото претпријатие.

Сметководството на трошоци и во земјоделството може да биде организирано на два начина, и тоа: централизирано, да се добиваат групни показатели па со делење на истите да се добиваат поединечни; и децентрализирано, кога се води евиденција на поодделни показатели па со групирање на истите да се добијат показатели за одредена дејност па и за целото претпријатие. При организацијата на сметководството на трошоци во земјоделството треба да се предвидат и начини за врска на ова сметководство со материјалното сметководство, со

сметководството на основни средства, со сметководството на бруто плати и со финансиското сметководство.

1. Организацијата на сметководството на трошоци се состои во: определување на документацијата која треба да се составува во врска со трошоците, нејзината циркулација, прибирање на истите и обработка во сметководството на трошоци.

2. Водење на соодветни деловни книги.

Поважни документи за сметководството на трошоци во земјоделството се: требувања, записници за интерна реализација, прегледи за потрошени материјали, пресметки за амортизација, вложен труд, пресметка за трошоци, интерни пресметки помеѓу дејностите по трошковни места, интерни фактори, интерни сметки, примопредатници и друго.

Деловните книги можат да бидат во вид на прегледи за настанати трошоци во помали претпријатија и деловни книги кога има посебно сметководство на трошоци. Во тој случај се воведува книгата дневник на трошоците и посебни картотеки за директните трошоци, за општите трошоци за изработка, за општите трошоци на менаџментот и администрацијата и за општите трошоци на продажбата.

Кога се воведува ваква картотека на крајот на пресметковниот период се прави преглед на општите трошоци во кој се прави и распределба на истите по дејности, трошковни места, а во рамките на нив по носители на трошоци. Тоа се разни култури – производи, други учиноци и залихи. Уште на крајот на пресметковниот период се прави преглед на сите трошоци, којшто служи како основ за книжење во финансиското сметководство.

2. Специфичности на трошоците во градежништвото

Оваа дејност има свои специфичности:

- По правило, производите не се подвижни и се продаваат на местото каде што се изградени;
- Обично се произведува поединечно по порачка од инвеститорот и однапред подготвен инвестиционен проект и пресметка за вредноста на градбата;
- Работата има сезонски карактер, зависи и од временските услови во сезоната и слично.

Точно од овие специфичности произлегуваат и специфичности за трошоците во градежништвото, а кои се состојат:

1. Сите трошоци се прават во поодделни градилишта и во дирекцијата на компанијата – претпријатието. Затоа трошоците можат да се поделат на поединечни и општи. Општите трошоци можат да бидат за градилиште и за целата компанија – претпријатие;
2. Сите поединечни трошоци однапред се специфицирани во пресметката;
3. Трошоците настануваат во екот на сезоната, кога се создаваат и учиноците, но има и трошоци кои настануваат и вон сезоната, кога нема учиноци. Трошоците кои настануваат вон сезоната, кога не се работи треба да се земат во предвид и да се вкалкулираат во цената на производите (учиноците) што се создаваат во сезоната.

Структурата на цената при изработка на калкулацијата во градилиштетот би изгледала како што следува:

1. Материјали

2. Амортизација на градилиштето

3. Општи трошоци на изработка

   а) Подготовка на теренот

   б) Општи трошоци на градилиштето

   в) Завршни работи

4. Општи трошоци на менаџмент и администрација

Вкупно трошоци:

5. Бруто плати

   - бруто плати за изработка

   - бруто плати како општи трошоци на изработка

   - бруто плати како општи трошоци на менаџментот и администрацијата и продажбата

Цена на чинење на објектот:

Сите општи трошоци се вкалкулирани со коефициентот (фактор) изнајден спрема бруто платите за изработка на целото претпријатие, а по формулата:

$$\text{фактор (К)} = \frac{\text{општи ттрошоц - 100}}{\text{бруто плати за изработка}}$$

Кога се склучува договор за градба се договара материјалот, бруто платите за изработка и факторот што ќе се применува (коефициентот) за вредноста на објектот што ќе се гради.

Техника за пресметка на трошоците во градежништвото

Пресметката и евиденцијата на трошоците во градежништвото мора да се организираат така да се добиваат податоци по места на трошоци и по носители.

Како места на трошоците од основната дејност во градежништвото се јавуваат поодделни градилишта, а како носители на трошоци – поодделни објекти од соодветното градилиште, ако тие се повеќе.

Како места на трошоци се јавуваат помошните дејности (помношни работилници) – механичка, дрводелска, молерска и слично, а како носители на трошоци во овие дејности нивните учиноци.

Како општи места на трошоци се јавуваат: бањите, местата на трошоци во менаџментот, администрацијата и продажбата, проектантските бироа и слично.

Има места на трошоци кои немаат градежничка дејност: ресторани за исхрана на работниците на градилишта, преноќевалишта за работниците на градилишта и слично.

Сметководството на трошоци може да бидде организирано во мали градежни претпријатија при финансиското сметководство, а во големите како посебно сметководство на трошоци.

При организирање на сметководството на трошоци, посебно внимание треба да се обрне на документацијата, како ќе се издава, нејзината форма и содржина и како истата ќе циркулира. Поважни документи за смеетководството на трошоци се: ситуации, требовања, записници, интерни фактури, исплатни листи и слично.

Во сметководството на трошоци треба да се воведат деловните книги: дневник, главна книга од втор степен и помошни книги за евиденција на трошоците по места на трошоци и по носители. На градилиштата се водат градежни книги.

3. Специфичности за пресметка на трошоците во сообраќајот

3.1. Поим за пресметка на трошоците во сообраќајот

Транспортните компании – претпријатија имаат за задача да посредуваат меѓу производителите и потрошувачите, односно помеѓу производите-

лите од еден вид и производителите од друг вид. Предмет на дејност на транспортните претпријатија или компании е транспортот на стоки, транспортот на луѓе и транспортот на вести.

Транспортот се дели на: друмски, воден и воздушен. Според тоа, во друмскиот сообаќај има трошковни места одредени релации, одредени транспортни средства или пак група на транспортни средства. На пример, во "Транспорт" – Прилеп може да биде трошковно местоможе да биде релацијата Прилеп – Кичево и други релации, или трошковно место може да биде секој автобус или теретен камион или пак група на возила – теретни, патнички и сл. Теретните можат да се разделат на: група на теретни сандачари и група кипери, а пак патничките на: автобуси со 50 седишта, автобуси со 40 седишта и др.

Во железничкиот сообраќај трошковни места можат да бидат: одредени релации, одредени композиции или пак група на транспортни средства. Кај поморскиот сообраќај трошковни места можат да бидат одредени линии, а во рамките на нив секое возило (брод) во чии состав има посебни трошковни места. На пример, машинско одделение, одделение за управување, гостилница и др. Во воздушниот сообраќај трошковно место може да претставува одредена линија или пак секое превозно средство (летало). Во поштанскиот транспорт и телекомуникациите секој вид на транспорт претставува трошковно место, како писма, телефон, телеграф и сл.

Покрај овие, основни места, постојат и помошни трошковни места, како што се: агенции, автобуски станици, железнички станици, аеродроми и сл. Уште, во сообраќајните компании – претпријатија има и општи места на трошоци. Пример, бањи, електрични централи, котларници, општи места на менаџментот, администрацијата и др.

Носители на трошоци во сообраќајните компании – претпријатија, според предметот на дејноста се јавуваат: патник, единица пренесен товар, во телекомуникациите и поштите: одредени единици за мерење на тој промет. Пример, кај телефонот, како единица се смета три минути разговор, кај писмата и пакетите кг.

Во друмскиот сообраќај, посебен проблем претставува евиденцијата на потрошок на гориво. Затоа треба да се поставуваат нормативи за потрошок на гориво за секое возило – посебно.

3.2. Техника за пресметка на трошоците во друмскиот сообраќај

Во оваа дејност сметководството на трошоци има за задача да ги евидентира трошоците по групи, да ги групира по трошковни места и да ги

распредели по носители на трошоци што се јавуваат во компанијата – претпријатието.

Трошоците се делат на поединечни (директни) трошоци, општи трошоци на група на возила, општи трошоци за целата компанија – претпријатие и општи трошоци на менаџментот и администрацијата.

Сметководството на трошоци за евидентирање на трошоците по групи, по трошковни места и носители, како и префрлање на општите трошоци по трошковни места и носители, може да се служи со:

1. Документација – требовање, патни налози, сметки и сл.;
2. Изработка на погонска пресметковна листа;
3. Изработка на разни табели;
4. Употреба на деловни книги – дневник на трошоците и картотека (сметки) за трошоците.

Во картотеката на трошоците можат да се употребуваат обични сметки, кога нема голем број на аналитика или сметки кои по форма ќе бидат направени да имаат колони за трошоците по елементи на цената на чинење. Во оваа гранка можат да се употребат речиси сите методи за изработка на калкулации, а главно се употребува дивизиониот метод, а ако се изработува калкулација по учиноци, се употребува метод со еквивалентни броеви, каде што за еквивалентна единица се зема поминат тон километар. Ако се работи калкулација за сета компанија – претпријатие се употребува додатен метод.

4. Специфичности за пресметка на трошоците во трговијата

Трговијата е дејност што се занимава со размена на стоки. Трошковни места од основната дејност во трговијата на мало можат да бидат – продавници, а во трговијата на големо оддели и реферати. Пример, оддел за трговија со железарија, оддел за конфекција и сл., а одделот во железарија може да биде за електро – технички предмети итн.

Кај увозно – извозните претпријатија има оддели и реферати. Пример, оддел за увоз или извоз од запад, оддел за увоз или извоз од Африка и тн., а рефератите претставуваат увозот или извозот во рамките на одделот (контингентот) од поодделни земји.

Вкупните трошоци во трговските компании – претпријатија, пред се, можат да се поделат на две основни групи: трошоци на стоката и трошоци за трговијата (трошоци на работењето) вкалкулирани бруто плати и сл. Трошоците на стоката ги сочинуваат сите трошоци кои настануваат за набавка, складирање и продажба на стоката. Сите овие трошоци по правило се

калкулираат во цената на стоката, а трошоците на трговијата (трошоците на работењето, вкалкулираните бруто плати и др.), ја чинат цената на чинење на трговските услуги. При правење на пресметка за успехот од работењето, трошоците на стоките се делат на два дела: трошоци на стоки што се реализирани, кои се земаат во пресметката и трошоци на стоки што се на залиха, кои се пренесуваат на наредниот период. Наспроти нив трошоците на трговијата целосно се земаат во пресметката за периодот во којшто настанале.

Трошоците на стоката се делат на:

1. Трошоци на стоката што настануваат во набавната фаза, фактурна вредност на стоката, вкупните транспортни трошоци, трошоци за амбалажа, осигурување, царина и тн. Останатите трошоци во врска со набавката како што се: бруто плати на лицата што вршат набавка, провизии, дневници и трошоци за патување, трошоци на платниот промет со добавувачите и друго претставуваат трошоци на работење;
2. Трошоци на стоката кои настануваат во фазата на складирањето, трошоци на бруто плати за лицата во магацинот, трошоци за чување и одржување на стоката, манипулативни трошоци, трошоци за кало и растур, расипување и кршење, трошоци за осигурување на стоката, интерес на средства вложени за стоката, трошоци за зграда каде што се чува стоката, трошоци за средствата што служат за внатрешен транспорт, трошоци за разладни уреди и слично;
3. Трошоци на стоката кои настануваат во фазата на продажбата, трошоци за мерење, пакување, експедиција, трошоци за натовар, превоз, ако паѓаат на товар на продавачот и слично.

Трошоците на трговија, според природата на трошокот можат да се распределат во пет групи, и тоа:

1. Трошоци на трудот, односно вкалкулирани бруто плати за вложен труд;
2. Трошоци за разни материјали, енергија и гориво, материјал за одржување на чистота, за пакување, канцелариски материјал, енергија за разни машини, уреди и инсталации, гориво за транспортни средства, за затоплување на простории и слично;
3. Трошоци за средствата за работа: амортизација, трошоци за инвестиционо одржување на средствата за работа, за нивно одржување и слично;
4. Трошоци за услуги од други, транспортни услуги, ПТТ услуги, кирии и закупнини, услуги за одржување на простории, реклами, пропаганди и слично;

5. Вкалкулирани камати на кредитите, провизии и други надоместоци за банкарски услуги, придонеси и членарини, придонес за користење на градежно земјиште, придонес за вода и друго.

Сите овие трошоци потребно е да бидат опфатени во сметководството на трошоци, а со цел:

- Трошоците на стоките да се согледаат по видови и по носители на такви трошоци за испитување на пазарот и доаѓање до сознанија за дејството на поодделни трошоци и фактори, односно како делуваат на успехот од работењето на трговската компанија – претпријатие;
- Трошоците на трговијата (трошоци на работењето и вкалкулирани бруто плати), да се согледаат по видови, како и да се изајде цената на чинење на трговските услуги. Со помош на тие согледувања да се дојде до сознанија секој трошок како делува на висината на цената на чинење на трговските услуги. Ваквата евиденција на трошоците има уште поголемо значење кога работата на трговската компанија – претпријатие е организирана по организациони единици.

Во малите трговски претпријатија не е потребно посебно сметководство на трошоци, но тоа се организира во рамките на финансиското сметководство.

Во големите трговски компании – претпријатија се организира посебно сметководство на трошоци, коешто може да биде организирано за работ со употреба на табели или пак со употреба на деловни книги дневник на трошоците и сметки (картотека на трошоците). Во поодделни случаи и во трговијата може да дојде до примена на погонскиот пресметковен лист. Општите трошоци на менаџментот и администрацијата се разделуваат по различни основи, и тоа: трошоците на комерцијалата спрема реализираната разлика во цените. Ваква распределба се врши за да биде заинтересирано комерцијалното одделение да се реализираат што поголеми разлики. Трошоците на раководството – администрацијата се распределуваат според направениот промет и тоа така се прави за да биде заинтересирана за остварување на што поголем промет во секое трошковно место. Ако компанијата – претпријатието покрај внатрешната трговија има и увоз – извоз, задолжително трошоците на извозот и увозот се евидентираат и распределуваат посебно.

Во трговијата обично има и помошни места на трошоци, како што се транспорт, натовар – растовар, механичка работилница, дрводелска работилница и тн. Трошоците од овие трошковни места треба да се распределуваат на трошковни места од основна дејност, спрема стварно направените учиноци, а кое може да се види од работните налози што се составуваат за помошните трошковни места. Ако се организира посебно сметководство на трошоци може да се употребуваат обични сметки или специјални сметки на кои ќе

има колони за трошоци посебно ќе се евидентираат трошоците на стоката, трошоците на трговијата (работењето) и посебно трошоците за помошни дејности.

Сите општи трошоци прво ќе се префрлат по трошковни места. Потоа се префрлаат на стоките што се реализирани во соодветниот пресметковен период од соодветно трошковно место, ако за тоа постои можност.

5. Специфичности за пресметка на трошоците во угостителството

Угостителството е дејност што служи за вршење на угостителски услуги. Главни места на трошоци во угостителството се: хотел, кафеана, ресторан и сл. Општи места на трошоци се: електрична централа, автопарк, котларница и сл. Уште во општо место се јавува: менаџментот и администрацијата, која може да биде поделена на комерцијално одделение, стопанско – сметководствено одделение, одделение за општи работи.

Носители на трошоци во угостителството можат да бидат: кревет, одредени јадења, одредени пијалоци и др.

Трошоците во угостителството се делат на директни, на пример: разни материјали, кај пијалоците самите пијалоци и слично и општи трошоци сите останати што не се знае за кој носител на трошок се однесуваат.

Техниката за пресметка на трошоците во угостителството може да биде: во мали угостителски компании – претпријатија во рамките на сметките од класта 4 – Трошоци, во поголемите угостителски компании – претпријатија задолжително се воведува аналитичка евиденција по трошковни места и носители на трошоци и тоа со правење на разни прегледи или пак со примена на деловни книги – дневник и сметки на трошоците.

Ако е организирано сметководство на трошоци со правење на разни прегледи би се правеле следните:

1. Преглед за директните трошоци;
2. Преглед на трошоци за изработка и тоа посебно за бруто плати и посебно за другите трошоци за изработка;
3. Преглед за реализацијата по трошковни места;
4. Преглед за распределба на општите трошоци по трошковни места и носители;
5. Преглед за реализирани приходи по трошковно место и др.

Заклучни согледувања

Трошоците претставуваат едни од клучните фактори за успех или неуспех на едно претпријатие и токму затоа беа обработени во овој труд. Тие претставуваат разлика помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи и за едно претпријатие тие се многу важен фактор бидејќи од нивната големина зависи големината на профитот на самото претпријатие. Доколку претпријатието работи со многу големи трошоци треба да настојува да ги намали за да биде во состојба да оствари што е можно поголем профит а профитот е крајната цел на секое претпријатие. Невозможно е да постои претпријатие кое не се стреми кон поголем профит и токму затоа со помош на сметководството се сумираат сите трошоци за еден пресметковен период и од тие резултати се увидува дали претпријатието работи доволно добро односно дали остварува добивка(профит)

Ние како идни сметководители мораме да знаеме што всушност се трошоците, како да се намалат, како истите точно и уредно да се пресметуваат и како да се евидентираат. Токму затоа овој труд ги објаснува поимот и видовите трошоци бидејќи еден сметководител мора да поседува соодветно знаење од оваа област доколку сака да успее во својата професија и да биде гледан како одличен сметководител.

Conclusion

Since expenditures are part of the key factors for the success or the failure of a company, the present paper tackles this very subject. Expenditures are the difference between the total credit and the total debit and therefore a factor of high importance for a company since its profit depends on the expenditure level. If a company operates on high expenditure, it should make every effort to cut expenditure levels in order to make as higher profit as possible, this being the ultimate goal of every company. It is impossible for a company not to work towards increasing the profit and this is why accounting becomes so important for calculating expenditures for a given fiscal period and analyzing the results so as to determine whether a company is making profit or not.

A prospective accountant must know what expenditures are and how to decrease them, as well as how to calculate and record them orderly and accurately. For this reason the present paper attempts to define the term and types of expenditure, as the knowledge and expertise of an accountant are the only way to building a successful career.

Key words: *accounting,costs, assets, current assests*

Литература

1. International Accounting Standards 1993, International Accounting Standards Committee, London, 1993
2. Ацески д-р Благоја „Сметководствен менаџмент„ Универзитет „Климент Охридски„ Битола, 1997 год.
3. Закон за сметководството, Скопје 1999
4. Закон за трговски друштва, Скопје 2003
5. Конески д-р Методија.„Стојчески д-р Љупчо, „Управувачко сметководство„ Европски универзитет РМ Скопје 2005 год.
6. Меѓународни сметководствени стандарди, Комисија за сметководствени стандарди на Р. Македонија, Скопје, 2000
7. Стојчески Љ.„Костадиновски А., „Основи на сметководство„ Европски универзитет РМ Скопје 2007 год

330.34/.35

Асс. м-р **Никола ПОПОВСКИ**

ИНДЕКСОТ НА ФИЗИЧКИОТ КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ (PQLI) И ИНДЕКСОТ НА ЧОВЕКОВИОТ РАЗВОЈ (HDI) КАКО ОПШТЕСТВЕНИ ИНДИКАТОРИ ЗА РАЗВОЈОТ

Апстракт

Развојниот процес, меѓу другото подразбира и акумулација на капиталот и развој на човечките ресурси. Термините економски раст и развој битно се разликуваат. Развојот има економски и општествени цели. Развојната економија е концентрирана на дефинирање и избор на најрелевантните индикатори (показатели) што се доволно јасни и прецизни за да можат да ги мерат состојбите и промените во економијата и општествениот развој.Постојат вредносни, натурални и општествени индикатори за мерење на развојот.Последниве, најчесто се комплексни и синтетски. Едни од нив се Индексот на физичкиот квалитет на животот (PQLI) и Индексот на човековиот развој (HDI). PQLI како индикатор се состои од 3 немонетарни компоненти, а HDI од две немонетарни и една монетарна компонента. Тие се присутни неколку децении како индикатори за мерење и компарирање на нивото на развојот на земјите во светот. Во науката и практиката се употребуваат со висока доверба во нив. Иако и двата индикатори имаат свои слабости, тие се широко применувани и корисни за економска анализа на резултатите од развојните процеси и како алатка на владите од целиот свет за креирање на развојните политики и процесот на одлучување.

Клучни зборови: *(економски развој, мерење на развојот, општествени индикатори, PQLI, HDI)*

1. Вовед

Економскиот раст и развој, односно самиот развоен процес подразбираат акумулација на капитал и развој на човечките ресурси, технолошки прогрес и развој на знаењето, унапредување на институциите и пазарите, подобрување на макроекономското опкружување и поволни меѓународни услови.

Во економијата се прави разлика помеѓу термините економски раст и економски развој (growth and development), иако има економисти кои овие

термини ги изедначуваат или ги сметаат за синоними. Разликата се извлекува од поврзувањето на растот со реалниот раст на БДП или реалниот раст на БДП по жител, додека, пак, развојот се поврзува со растот што е дополнет со пошироки, квалитативни промени во економијата и општеството. Тие промени можат да се условени од економски, но и од неекономски фактори. Разликите меѓу растот и развојот ги забележал уште Шумпетер. Според него, развојот е дисконтинуирана и спонтана промена во стационарната состојба која секогаш ја менува постојната рамнотежа, додека пак, растот е постепена и стабилна промена на долг рок.

Разграничувањето на општествените и економските цели на развојот од своја страна никогаш не било доволно јасно. Сепак економските цели отсекогаш имале повисок степен на конкретност и одреденост во однос на општествените. Концептот за општествен развој како цел на развојниот процес за прв пат официјално е спомнат во документот на ОН што ја промовираше Декадата на ОН за развој во 1962 година. Инсистирањето за вградување на општествените и социјални фактори во развојот - исхрана, здравство, образование, социјална заштита и слично стана прифатливо. Се сфати дека проблемот на неразвиените земји не е самиот економски раст, туку поширокиот општествен развој, бидејќи тој претпоставува раст придружуван со промени што покрај економски се и општествени и колку што се квантитативни, исто толку треба да бидат и квалитативни. Всушност се промовираше концептот на квалитетот на животот.

2. Мерење на развојот

За економијата, но и за целото општество мошне е значајно прашањето како, кога и со што се мерат достигнувањата во економскиот раст и развој на државите. Науката одамна е концентрирана на дефинирање и избор на најрелевантните показатели што се доволно јасни и прецизни за да можат да упатат на состојбите во економијата и општествениот развој. Мерењето на развојот треба да се остварува на начин кој индикаторите ќе ги насочи кон прикажување на остварливоста на целите што се сака да се постигнат, а не кон мерките што се преземаат за тие цели да се постигнат.

Во економијата постојат два пошироки методолошки пристапи за мерење на развојот. Првиот пристап е потесен и ги мери БДП и БДП по жител, па на тој начин служи како основа за проценка на вкупниот општествен напредок. Тој концепт денес се смета за прифатлив само за мерење на нивото на економскиот раст. Вториот, кој смета дека развојот е многу поширок и посложен концепт од економскиот раст, упатува на мерење на развојот со сосема различни стандарди од растот. Денес воопшто не е спорно дека при мерење на растот и развојот треба да се опфатат широк круг

на економски, општествени и хумани показатели за да се овозможи следење, а по потреба и редизајнирање на целите на растот и развојот.

Врз основа на поделбата за тоа какви вредности се употребуваат за прикажување на состојбите или динамиката во економијата, индикаторите можат да бидат: а) *вредносни*, или монетарни, што се изразуваат во парични единици – на пример, БДП по жител во одредена година во некоја земја; б) *натурални*, или уште наречени и немонетарни, што се изразуваат во мерни единици што се физички показатели и можат одлично да служат за меѓународно компарирање, особено меѓу развиените и недоволно неразвиените земји; и в) *општествени,* што изразуваат одредени појави со социјално, хумано или друго значење – на пример, број на доктори или на болнички кревети на 1.000 жители, опфатеност на децата од предучилишна возраст со програми за нивна социјализација или правичноста во распределбата на доходот во општеството изразена преку вредноста на GINI коефициентот и друго.

Во праксата, за да се добие појасна слика и претстава за реалноста, обично се користи сет на индикатори од секоја група за да се оцени состојбата на една економија или развојната динамика на општеството.

3. Општествени индикатори на развојот

Во економската теорија и во методологијата на економските истражувања постои релативно високо ниво на согласност во врска со основните поими и дефиниции на индикаторите што се типично економски и што служат за анализа на процесот на економскиот развој. За разлика од тоа, за општествените (социјални) или понекогаш именувани и како општествено-економски индикатори нема висока согласност и во светот постојат различни мислења и пристапи. Полемиките за целисходноста и можностите за ефикасна примена на општествено економските индикатори како мерила за развојот датираат од пред половина век и соодветствуваат со времето кога се бараше поширок пристап за анализата на развојниот процес. При тоа се земаше предвид взаемната условеност на економскиот и општествениот развој и нивните блиски меѓусебни односи.

Непостоењето на соодветни теориски и методолошки рамки за таков мултидисциплинарен пристап во мерењето на вкупниот општествен развој, доведоа до потребата од создавање на општествени индикатори кои нема да го дефинираат развојот исклучиво со економски индикатори. Ваквиот пристап беше, и сè уште е потребен и во развиените земји и во земјите во развој. Кога на вториве им стана јасно дека системот на монетарни и синтетски агрегатни економски индикатори како што се БДП по жител и слични, не се доволни за да го објаснат нивото на вкупната развиеност на тие земји, се премина кон барање

на цела лепеза од економски и неекономски (општествени) индикатори со помош на кои поадекватно ќе се дефинира нивото на развиеност на тие земји.

Постојат голем број на дефиниции за општествените и општествено-економските индикатори за развојот. Некои од нив ги дефинираат индикаторите како збирни серии на податоци за состојбата и тековите на развојот, насочени кон мерење на важните аспекти на општествениот развој и создавање на инструментариум за соодветна анализа и донесување на одлуки. Општествените индикатори обично се многу комплексни и синтетски показатели. Тие ја прикажуваат состојбата и трендовите во развојот на општеството. Ваквите индикатори се насочени кон прикажување на: а) главните карактеристики на благосостојбата на населението; б) ефективноста и ефикасноста на општествените услуги; и в) дистрибуцијата на благосостојбата меѓу населението.

Општествено-економските индикатори припаѓаат на онаа група индикатори што квантитативно и квалитативно ги појаснува двете: економскиот и општествениот развој. Тие се формираат на самата граница помеѓу економските и општествените индикатори и можат да се сметаат дека припаѓаат и на двете. Тоа значи дека тие во исто време опфаќаат аспекти како што се: нивото на доходот, вработеноста и невработеноста, штедењето и задолженоста, нивото на цените, условите за живеење и работење, нивото на здравствена заштита; пристапот до образованието и слично. Бидејќи тие не содржат само чисти економски варијабли во својата содржина, се сметаат и за општествени. Не е редок случајот кога истиот вид на индикатори можат да имаат спротивни нормативни карактеристики („добар“ или „лош“ индикатор). На пример високата стапка на прираст на населението е индикатор со различно значење за Индија или Кина од една страна и Украина или Русија од друга страна.

Вообичаено општествените индикатори за развојот се врзуваат за поширок општествени концепти (подигнување на општото образовно ниво), а многу помалку за некои специфични аспекти на развојот (повисок процент на население со техничко образование). Ито така тие можат да мерат нешто друго, а не тоа што тие самите го претставуваат. На пример, мерењето на нивото на штедењето го дефинира откажувањето од тековната потрошувачка во економијата, но всушност го мери потенцијалот за идниот раст на економијата и развој на општеството.

Најприсутни општествени индикатори се оние кои комбинирано го мерат здравјето, должината на животот, исхранетоста, образованието, вработеноста, социјалната сигурност, слободното време и други индикатори што се насочени кон мерењето на квалитетот на развојниот процес. Проблеми произлегуваат кога од овие индикатори треба да се утврдат еден или неколку заеднички (агрегатни) индекси на развојот. Не постои согласност околу бројот на

показателите што треба да се применат за утврдување на некој вид на развоен индекс. Има предлози за вклучување на повеќе индикатори. Роберт Баро (Robert Barro), проучувајќи го долгорочниот развој, дошол до сознание дека треба да се интегрираат следниве индикатори за утврдување на општото ниво на развојот: опфатеност на машкото население во основно и средно образование; очекувано траење на животот; стапката на јавна потрошувачка; индексот на почитување на законите; условите на размената (terms of trade); индексот на демократијата; и стапката на инфлација (Barro, 1995).

Денес постојат неколку општествени (социјални) индикатори кои пошироко се применуваат во светот и имаат меѓународен и теоретски легитимитет. Тоа се: индексот за физичкиот квалитет на животот; индексот на човековиот развој; Лоренцовата крива; индексот за дистрибуција на доходот и други. Подетално ќе ги разгледаме индексот за физичкиот квалитет на животот и индексот на човековиот развој.

3.1. Индекс на физичкиот квалитет на живот, PQLI

Индексот на физичкиот квалитет на животот (PQLI - Physical Quality of Life Index) е креиран за да го мери квалитетот на животот и благосостојбата во една земја, споредена со другите земји во светот. Тој ги сумира сложените општествени меѓуодноси, за кои, било какви теоретски објаснувања не можат да се дадат на едноставен начин. Индексот го олеснува меѓународното споредување на развојните достигнувања и претставува разбирлив метод за мерење на општествениот развој. Тој особено е погоден за да го мери развојот и општествениот напредок во земјите во развој.

Спаѓа во групата на квантитативни и недоходовни индекси на развојот. Иако иницијално е замислен да го мери квалитетот на животот тој се потпира на квантитативни индикатори и не ги зема предвид некои важни квалитативни страни на животот и развојот - безбедноста, правичноста, слободата, човечките права, среќата и слично. Креиран е во средината на 70-ите години од минатиот век од М. Дејвид Морис (Morris David Morris) како еден од повеќето понудени нови начини на мерење на развојот што се должеле на незадоволството од симплифицираната и изолирана употреба на БДП како мера за развојот на земјите.

Овој комплексен и агрегатен индекс се состои од три индикатори што лесно можат да бидат меѓународно компарирани заради нивната лесна мерливост. Тоа се: 1. очекуваното траење на животот при возраст од 1 година; 2. смртноста на доенчињата; и 3. стапката на писменост (процент на населението на возраст од 15 години и повеќе што е писмено). Истите треба да послужат како индикатори за општествениот развој, објаснувајќи го напредокот во: здравството и санитарните услови; образованието; и статусот

на жените во општеството. Конкретно, очекуваното траење на животот го претставува напредокот во надворешното опкружување во општеството; смртноста на доенчињата ги одразува последиците од општествените промени во домовите; и стапката на писменост го навестува степенот до кој луѓето се спремни да учествуваат во обликување на нивното општествено опкружување. Преку нив е можно да се направат и анализи за тоа како БДП се дистрибуира во општеството. Следењето на динамиката на промените на вредностите на PQLI во светот, ни дава слика за промените во распределбата на општествените користи во секоја држава.

Секој од трите индикатори што се вклучени во индексот се рангираат на скалата од 1 до 100. Најлошата меѓународна пракса е претставена со 1, а најдобрата со 100 (Todaro, 1994, Appendix 2.1.). Пример: ако на земјата со највисоката очекуваност траење на животот и` се додели горната граница на вредноста, односно 100, а на земјата со најниско очекувано траење на животот и` се додели долната граница на вредноста, односно 1, тогаш сите други земји ќе се рангираат согласно своите релативни вредности за овој индикатор во границата од 1 до 100. Таквата постапка се прави и со другите два индикатори, иако во математска смисла, за нив таа е малку поинаква. При конкретното мерење на вредностите се земаат следниве гранични вредности на трите индикатори за добивање на PQLI индексот:

- очекуваното траење на животот се пресметува во границите од 42 години (порано 38 години) како најлошо и 85 како најдобро;

- смртноста на доенчињата се пресметува во границите на смртноста од 166 на 1.000 доенчиња или повеќе како најлошо (порано 250/1.000) и 0 на 1.000 како најдобро; и

- стапката на писменост во проценти, која веќе е индексирана самата по себе, на скалата од 1 до 100.

Индексот PQLI се зема како просечна вредност на податоците за трите наведени индикатори. Тоа значи дека на сите три индикатори им се дава подеднаква важност. Теоретски индексот ќе биде со вредност од 100 за земјата со највисоко очекувано траење на животот, најниска смртност на доенчињата и највисока писменост на населението. Спротивно на тоа, индексот ќе биде најнизок за земја со најниско ниво на очекуваното траење на животот, највисока смртност на доенчињата и најниска стапка на писменост на населението.

Вредноста на индексот е функција од трите индикатори

$$PQL = f (IM, e, Lit)$$

каде што IM е смртноста на доенчињата (infant mortality); (e) го претставува очекуваното траење на животот (life expectancy); и Lit писменоста (literacy).

Индексите од овие три индикатори се собираат, а од нивниот просек се добива PQLI

$$PQLI = (IMI + el + LitI) / 3 \quad \text{или}$$

$$PQLI = 0,33IMI + 0,33el + 0,33LitI$$

каде што:

IMI = индекс на смртноста на доенчињата
el = индекс на очекуваното траење на животот
LitI = индекс на писменоста

Еве еден конкретен пример за пресметка на резултатите за две земји во светот во иста година. Во Нигерија очекуваното траење на животот при возраст од 1 година бил 49 години, смртноста на доенчињата изнесувал 180/1.000, и стапката на писменост изнесувала 25%. Вредноста на индексот PQLI за Нигерија изнесувал 25. Во САД очекуваното траење на животот при возраст од 1 година била 72 години, смртноста на доенчињата изнесувала 16/1.000, и стапката на писменост изнесувала 99%. Оттука, вредноста на индексот PQLI за САД изнесувал 94. Друга пресметка покажала дека државите од Под-Сахарска Африка денес имаат вредност на PQLI индексот каков што имале, на пример, САД пред повеќе од еден век.


Индексот во себе не интегрира ниту еден економски показател, особено не оние класичните во врска со БДП, БДП по жител, стапките на економски раст и други, туку повеќе упатува на последиците од нивната големина, употреба и динамика. Ако индексот PQLI има повисоки вредности, тоа покажува дека најголемиот дел од населението има корист од економскиот развој и врз основа на тоа има повисок физички квалитет на животот. При практичните мерења на индексот PQLI забележана е тенденција на негово брзо растење при растот на БДП по жител во државите, но по извесно ниво, растот на БДП по жител не е проследено со забележителен раст на вредноста на PQLI. Интересно е што емпириските истражувања за близу 150 земји во светот обелоденија дека сите земји со низок БДП по жител немаат и низок PQLI, а сите земји со висок БДП по жител немаат и висок PQLI.

Тоа може да се илустрира и со временските серии на една од компонентите на PQLI (очекуваното траење на животот) споредена со временската серија на БДП по жител во 4 земји со различно ниво на развој (Strauss, Duncan, 2008, p. 3407-3408). Сликата 1 ги покажува временските серии за БДП по жител и очекуваното траење на животот во Индонезија, Зимбабве, САД и Јужна Африка од 1960 до 2004 година. Индонезија има четирикратно зголемување на БДП по жител и 75% зголемено очекувано траење на просечниот живот. Во Индонезија и САД корелацијата е позитивна. Состојбите во Зимбабве (надолна корелација) и Јужна Африка

(негативна корелација) се многу различни заради големиот проблем што постои со смртноста од ХИВ вирусот во тие земји.

Споредeн со други индикатори неговата предност е што тој е базиран само на еден краен резултат - вредноста на PQLI индексот. Предноста пак на овој сложен општествен индикатор за развојот во однос на БДП е што во социјално раслоените општества многу мала група на луѓе со многу високи доходи можат до извесно ниво да го упросечат БДП и доходот по жител и со тоа да дадат погрешен впечаток за резултатите од развојниот процес во таа земја. Индексот PQLI тоа го оневозможува. Високите показатели за траење на животот, писменоста и малата смртност на доенчињата кај многу мала група на луѓе во општеството не можат да ги подигнат просечните вредности на другите во општеството. На пример, ако богатството и доходите на најимотните членови на општеството во споредба со оние на најсиромашните се во сооднос од 300.000:1 т.е. триста илјади пати, просечните вредности можат да се сведат на релативно поднесливи нивоа, дури и ако со 85-90% од доходот во општеството располагаат 5-6% од неговите членови. Спротивно на тоа, очекуваното траење на животот, писменоста и смртоста на доенчињата не може да се во поголем сооднос од неколку пати (3:1; 3,5:1; или 4:1). Тоа го прави PQLI како индикатор за

Сллика 1. Корелацијата меѓу БДП по жител и очекуваното траење на животот за четири земји во период 1960-2004 година



Извор: Strauss, Duncan, 2008, p. 3407

општествениот развој многу вреден. Тоа може да се илустрира со фактот дека иако вредноста на БДП по жител во Иран во 1990 година бил во висина од само една третина од соодветниот во Саудиска Арабија, вредноста на PQLI индексот во двете земји бил еднаков, што значи дека богатството и доходот во Иран биле многу порамномерно распределени.

Проблем при пресметката на овој индекс е пондерот на неговите три поединечни индикатори. Постојат разлики во врска со тоа дали овие три индикатори треба да се разгледуваат како поединечни показатели, или за нив да се бара заедничка вредност, што во овој случај е самата вредност на PQLI индексот. При меѓународното споредување на овие показатели се јавуваат разлики во врска со структурата на потребите и приоритетите на одделни земји. Постојат укажувања дека PQLI ја мери само „физичката благосостојба“, но не и „развојот“ на општеството. Тоа во одредена мера го прави Индексот на човековиот развој кој ќе го разгледаме подолу.

3.2. Индекс на човековиот развој, HDI

Индексот на човековиот развој (Human Development Index - HDI), како индикатор на општествениот развој е композитен индекс за мерење на општествениот развој. Промовиран е од Програмата за развој на ООН (UNDP) и се стреми да ги премости разликите и недостатоците на типичните економски индикатори од една страна и општествените индикатори за развојот од друга страна. Економските индикатори (БДП, БДП по жител, стапка на раст, стапка на (не)вработеност, ниво на инвестиции или јавна потрошувачка, движење на цените и сл.), по правило, во себе не содржат компоненти за мерење на поширокиот општествен и човеков развој. Општествените индикатори, пак, се ориентирани кон неекономските компоненти на развојот и кон крајните ефекти од економскиот напредок (образовно ниво, здравствена заштиа, ниво на еколошка заштита, човекови права, слобода, социјална еднаквост, инклузивноста во општеството и сл.), но најчесто ги занемаруваат економските параметри.

Индексот на човековиот развој е конструиран за да може во себе да ги вклучи и економските и општествените мерења на развојот. Со други зборови, тој е типичен индикатор од групата на општествено-економските индикатори. Унапредувањето на човековиот развој бара напредок на широк фронт: назадувањето во човековата благосостојба преку намалувањето на годините на очекувано траење на животот не можат да се компензираат со напредок во другите области како што се образованието или доходот. Исто така и напредокот во една област не е можна во отсуство на вкупен напредок. На пример намалените здравствени услови можат да го намалат

економскиот раст и напредокот во образованието, а намалениот економски раст може да ги редуцира ресурсите што се достапни за општествените инвестиции во здравството и образованието.

Потребата за ваков индекс излезе на површината и кога економистите дојдоа до сознанија дека во светот има проблеми што не се директно врзани со нивото на доходот, а кои не можат да се измерат ако нивото на развојот се доведува во релација само со нивото на доходот. На пример збунувачки се податоците дека во светот има држави што издвојуваат и до 1/3 од својот БДП за јавните потреби, а само 10% од тој износ се посветува на потребите за човековиот развој како што се образованието, здравството и социјалната заштита, наспроти поголем дел од јавните финансии што се алоцираат, на пример, за одбраната.

Целта на индексот на човековиот развој „не е да даде целосна слика за човековиот развој, туку да обезбеди мерење што оди понатаму од доходот. HDI е барометар за промените во човековата благосостојба и за споредување на напредокот во различни региони.“ (UNDP: HDR 2005, p. 21).

Мерењето на Индексот на човековиот развој не треба да се подразбере како алтернатива на индикаторите што се најприсутни во економијата и животот, како што се БДП или оние за квалитетот на животот (PQLI). Секој од нив има свое место и значење при мерењето на економскиот раст и развој на земјите и нивното меѓународно компарирање. Денес во светот HDI е еден од основните, најупотребувани и во широката јавност најспоменувани начин за мерење на интегралното ниво на човековиот развој, како и разликите по таа основа помеѓу земјите во светот (на пример, разликите во нивото на човековиот развој, мерени преку вредноста на индексот на Холандија, Индонезија, Боцвана и Аргентина во 2008 година) и на секоја земја самата со себе во одреден временски период од развојот (на пример, промените во разликите во нивото на човековиот развој, мерени преку вредноста на индексот за Македонија од 1994 до 2009 година).

Тој во центарот на своите мерења ги става човекот и неговите аспирации да има долг и здрав живот; да има знаења и способности што ќе му овозможат подготвено да учествува во општествените процеси и да влијае на нив; и да има економска благосостојба и материјални и нематеријални ресурси за пристоен животен стандард. Се поаѓа од претпоставката дека ако овие нешта не се соодветно задоволени за најголемиот дел од поединците, не може да се зборува за општество што се развива. Оттука произлегува начинот на кој индексот се компонира и пресметува. Негови компоненти се: 1. должината на животот, мерена преку очекуваното траење на животот при раѓање; 2. нивото на образованието, мерено преку процентот на писменоста и опфатот на генерациите во сите три видови на образование (основно, средно и високо); и 3. нивото на животниот стандард на населението, мерено

преку показателот за реалниот БДП по жител врз основа на паритетот на куповната моќ.

Во најопшта смисла за индексот може да се каже (Ghatak, 2005, p. 34) дека е функција на три параметри - БДП (Y), стапката на писменоста (L) и очекуваното траење на животот (e), односно

$$HDI = f (Y, L, e)$$

и има вредности од 0 до 1, при што колку е тој поблиску до 1, толку е повисоко нивото на човековиот развој во таа земја.

Од неговото промовирање до денес, методологијата на пресметката на индексот претрпува повеќе промени со цел таа да биде што поточна и поправилно да ги мери и пондерира трите компоненти на овој индикатор. При неговата прва употреба во Извештајот за човековиот развој од 1990 година (UNDP: HDR 1990) индексот се пресметуваше во три етапи: Прво се детектираше оскудноста на секоја земја за некоја од трите компоненти на индексот. Пресметката на секој поединечен индекс се правеше врз база на формула по претходно задавање на максималните и минималните вредности на секоја од трите компоненти. Формулата изгледаше вака:

$$I_{i,j} = (\max_j X_{ij} - X_{ij}) / (\max_j X_{ij} - \min_j X_{ij})$$

Во неа варијаблите го имаа следново значење: индексот $I_{i,j}$ е индикатор за скудноста за земјата j во однос на варијаблата i. За секоја компонента посебно равенствата би изгледале вака:

$$I_{Y,j} = (\max Y - Y_j) / (\max Y - \min Y)$$

$$I_{L,j} = (\max L - L_j) / (\max L - \min L)$$

$$I_{e,j} = (\max e - e_j) / (\max e - \min e)$$

Индексот на скудноста ја става земјата во ранг од 0 до 1. Максималните и минимални вредности на варијаблите емпириски се утврдија на ниво на најдобриот и најлошиот случај во светот и тоа: очекуваното траење на животот од максимум 78,4 години (Јапонија) до минимум 41,8 години (Етиопија, Афганистан); стапката на писменост од максимум 100 до минимум 12,3 (Сомалија); и реален БДП по жител (логаритамска скала) од 4.861 долар (линијата на сиромаштија во 9 најразвиени земји) како максимум (опција реален БДП по жител во најразвиената земја - САД, 17.620 долари) со вредност од 3,68 и БДП по жител од 220 долари (Заир) како минимум со вредност од 2,34. Второ, се пресметуваше збирниот индекс на скудноста (I_j) со собирање на трите поединечно пресметани индекси на скудноста и делење на збирот со 3 за да се добие упросечена вредност:

$$I_j = \sum_{i=1}^{3} I_{i\,j}$$

Трето, се пресметуваше индексот на човековиот развој со одземање на збирниот индекс на скудноста (I_j) од единица, односно за секоја земја неговата пресметка беше

$$(HDI)_j = (1 - I_j)$$


За илустрација ќе прикажеме како се правеа пресметките во најсимплифицирана варијанта, со методологијата и податоците од 1990 година. Да го земеме за пример пресметувањето на компонентата БДП по жител ($I_{Y\ ,\ j}$) на примерот на Македонија (Мк) односно $I_{Y\ ,\ Мк}$. Највисокиот БДП по жител бил во САД и изнесувал 17.620 долари, а најнискиот во Заир 220 долари. Македонскиот БДП по жител изнесувал 1.800 долари.

$$I_{Y\ ,\ Мк} = (17.620 - 1.800) / (17.620 - 220) = 0,91$$

Истите пресметки се прават за другите две компоненти. Колку овие вредности се поблиску до 1, толку HDI ќе биде помал бидејќи вредноста се одзема од 1. Добивањето на индексот што ќе се одземе од 1 за да се добие $HDI_{Мк}$ се прави на два начина: вкупниот нивен збирот се дели со 3, па се одзема од 1 или секој поединечен индекс претходно се множи со 1/3 и трите заедно се собираат.

Подоцна се направија повеќе модификации на пресметките на индексот преку промена на компонентите за писменоста (1991, 1995 ...) и реалниот БДП по жител (1991, 1994, 1995, 1999...). Денес постои уверување дека HDI ја мери „релативната скудност“ или „релативната сиромаштија“ во една земја, односно тоа претставува мерење на одддалеченоста на секоја земја од максимално можните вредности на компонентите што го сочинуваат индексот. Бидејќи зборуваме за индекс на скудноста, можеме да дадеме интерпретација дека ако една земја има вредност на индексот од 0,580, тоа значи дека земјата е оддалечена од максималното ниво на човековиот развој што може да се постигне за 42 проценти.

Денес важечката методологија за пресметка на HDI се прави врз база на следнава конструкција на индексот:



Пред пресметката на HDI се креира индекс за секоја од наведените димензии (Di). За таа цел се избираат максимални и минимални вредности (V max ; V min) за секој индикатор. Вредноста на секој се изразува меѓу 0 и 1 преку следнава општа формула

$$Di = (V_j - Vmin) / (Vmax - Vmin)$$

HDI понатаму се пресметува како просек од димензиите на трите индекси. Самата пресметка се базира на следниве вредности за пооделните индикатори: 1. очекување на траење на животот при раѓање во години (максимум 85 и минимум 25 години); 2. стапката на писменост на возрасните во проценти (максимум 100 и минимум 0); комбинирана стапка на опфат во трите нивоа на образование во проценти (максимум 100 и минимум 0); и 3. БДП по жител во PPP САД долари (максимум 40.000 и минимум 100).

На примерот на Турција со податоци за 2005 година вредноста на HDI би се пресметувала во следниве неколку чекори:

1. Со очекувано траење на животот од 71,4 години, индексот е

$$I_{e,\,Tr} = (71{,}4 - 25) / (85 - 25) = 0.773$$

2. Индексот на образование ги мери достигнувањата во стапката на писменост на возрасните и комбинираниот опфат на генерациите во основно, средно и високо образование. Првото има пондер од 2/3 и второто од 1/3 во вкупниот индекс. Во Турција писменоста на возрасните е 87,4%, а комбинираниот опфат во образованието е 68,7%. Индексот е

$$I_{l,\,Tr} = (87{,}4 - 0) / (100 - 0) = 0{,}874$$

$$I_{enr,\,Tr} = (68{,}7 - 0) / (100 - 0) = 0{,}687$$

$$I_{L,\,Tr} = 2/3(0{,}874) + 1/3(0{,}687) = 0{,}812$$

3. Индексот на БДП во HDI служи како сурогат за сите димензии на човековиот развој што не се опфатени со претходните индекси. Се користи логаритам на БДП по жител. Турскиот БДП по жител во PPP методологијата во 2005 година бил 8.407 долари.

$$I_{Y,\,Tr} = \log(8.407) - \log(100) / \log(40.000) - \log(100) = 0{,}740$$

4. Сега може да се пресмета конечната вредност на HDI за Турција како проста аритметичка средина од трите индекси:

$$HDI_{Tr} = 1/3\ (0{,}773) + 1/3\ (0{,}812) + 1/3\ (0{,}740) = 0{,}775 \quad \text{или}$$

$$HDI_{Tr} = (0{,}773 + 0{,}812 + 0{,}740) / 3 = 0{,}775$$

Со вредност на индексот од 0,775 Турција во 2005 година се наоѓала на 84 место на листата од 177 држави во светот и спаѓала во групата на земји со „среден човеков развој“. во Табелата 1 се дадени вредностите на индексот и за други избрани земји во светот.

Според досегашната методологија на UNDP земјите со вредност на индексот над 0,800 спаѓаат во земји со висок човеков развој, оние со вредност од 0,500 до 0,799 се земји со среден човеков развој и оние под границата на вредност од 0,500 спаѓаат во земји со низок човеков развој. Во последниот извештај од октомври 2009 година UNDP воведе нова група на земји со „многу висок“ човеков развој. Тоа се земјите со вредност на индексот над 0,900. Трендовите на индексот на човековиот развој за земјите во светот, со мали исклучоци, во последниве 30-ина години се нагорни.

Македонија постојано се движи по нагорна линија на ранг листата на HDI во светот и во 2000 година со вредност на индексот од точно 0,800 ја премина границата на земја со среден и премина во земјите со висок човеков развој (1995 = 0,749; 1997 = 0,746; 2000 = 0,800; 2003 = 0,807; 2005 = 0,810; 2006 = 0,813; и 2007 = 0,817). На ранг-листата за 2007 година од 182 земји се наоѓа на 72 место, исто како и во претходната 2006 година.

Прилагодувањето на податоците за БДП се корисни за да добиеме подобри сознанија за состојбата и растот на економијата. Од истите причини се направени и модификации на HDI за да се подобрат информациите што индексот ги обезбедува. Едно од постојните прилагодувања е родовото прилагодување на индексот што ги зема предвид разликите во нивото на достигнувањата на жените и мажите како посебни групи во општеството. Тоа е родовиот индекс на развојот (Gender-related Development Index - GDI).

Направени се и прилагодување на HDI во однос на дистрибуцијата на доходот за да се избегне „магливоста“ на упросечените податоци за земјите во целина. Тој е просечен индикатор и обезбедува слика за тоа што се случува кај хипотетичната „просечна индивидуа“ во земја, а не и на „просечното сиромашно лице“. Ова може да се претстави со едноставен

Табела 1. Врдност на HDI и други параметри за избрани земји во светот во 2005 година

ранг	земја	вредност на HDI	e (години)	L (%)	Y (PPP $)	ранг на Y минус ранг на HDI
1	Исланд	0,968	81,5	99,0	36.510	4
2	Норвешка	0,968	79,8	99,0	41.420	1
3	Австралија	0,962	80,9	99,0	31.794	13
8	Јапонија	0,953	82,3	99,0	31.267	9
12	САД	0,951	77,9	99,0	41.890	-10
27	Словенија	0,917	77,4	99,7	22.273	4
39	ОАЕмирати	0,868	78,3	88,7	25.514	-12
63	Малезија	0,811	73,7	88,7	10.882	-6
69	Македонија	0,810	73,8	96,1	7.200	11
84	Турција	0,775	71,4	87,4	8.407	-18
101	Алжир	0,733	71,7	69,9	7.062	-22
121	Ј. Африка	0,674	50,8	82,4	11.110	-65
136	Пакистан	0,551	64,6	49,9	2.370	-8
156	Сенегал	0,499	62,3	39,3	1.792	-9
168	Д.Р. Конго	0,411	45,8	67,2	714	7
177	С. Леоне	0,336	41,8	34,8	806	-5
висок доход		0,936	79,2	99,0	33.082	/
среден доход		0,776	70,9	73,3	7.416	/
низок доход		0,570	60,0	60,2	2.531	/
свет		0,743	68,1	78,6	9.543	/

Извор: UNDP: HDR 2008, p. 229-232 T.1

пример. Со прилагодување на компонентата на БДП во индексот на човековиот развој за 2003 година од просечен БДП на просечен БДП на најсиромашните 20%, под претпостака индексите на другите компоненти да останат исти, ќе го спушти Бразил на ранг-листата на HDI за 52 места (на 115) и Мексико за 55 места (на 108).

Индексот на човековиот развој исто како и другите индикатори за мерење на економскиот и општествениот развој не е совршен за мерење на благосостојбата. Тој на пример не ги зема предвид еколошките нарушување на околината, освен индиректно преку влијанието врз здравјето и долговечноста на луѓето и не ја калкулира одржливоста на развојот. Исто е и со демократијата или со другите политички слободи во општеството.

4. Заклучок

Индексот на физичкиот квалитет на животот (PQLI) и Индексот на човековиот развој (HDI) спаѓаат во групата на општествени индикатори за мерење на економскиот развој. Тие се широко употребувани и особено корисни за следење на постигнувањата на земјите од светот во процесот на нивниот развој. Нивната пресметка иако не е лесна и подразбира сложена постапка, користењето на индексите е лесно и врз основа на нив брзо се оценува апсолутниот напредок на земјата и нејзиниот релативен напредок во однос на другите земји во светот. Структурата на компонентите на самите индекси е таква што не индицира со кое темпо се движи развојот на една земја, туку упатуваат на резултатите од развојот - должината на животот, здравјето, образованието и нивото на доходот на населението. Нивната несовршеност не ја намалува нивната вредност. Во временската димензија во која се употребуваат овие индекси, тие се предмет на постојано методолошко усовршување и затоа секогаш се актуелни.За земји во развој каква што е и Македонија, овие индикатори можат да претставуваат вистинско огледало за долгорочните развојни процеси. Според движењето на вредноста на индексот на човековиот развој, во последниве 15-ина години Македонија во апсолутна смисла добро напредува, но во релативна смисла, односно споредена со другите држави, не напредува со посакуваното темпо.

Summary

Development process often means accumulation of capital and human recources development. The concept of economic growth and development are different. The development has its own economic and development goals. Development economics is defining relevant indicators which are exact and precise for measuring of status and changes in the economy and social

development. There are value (monetary), physical (nonmonetary) and social indicators for measuring of the development. Very often the latest are complex and synthetic. Physical quality of life index (PQLI) and Human development index (HDI) are two of them. PQLI is composed of three nonmonetary components, and HDI is composed of two nonmonetary and one monetary component. Their calculation imply complex method, but their use is simple. The methodology is a subject of constant adjustment The structure of their components does not indicate the pace of development and undertaken measures, but the results of the process - life longevity, health, education and income levels of the population.

They are used for a few decades for measuring and comparing of the development level between the countries in the world. They are of high value for the researches and policy makers. Both of them have some weaknesses, but they are widely used for analysis of development processes and as a governmental tools for creating development politics and decision. For a country as Macedonia, these indicators could be criterion of longterm development processes. HDI for Macedonia is increasing in the last 15 years and now the country has a high human development. Comparing with the other countries the pace is not very fast.

Key words: (economic development, measuring of development, social indicators, PQLI, HDI)

Литература

1. Barro, Robert. J.: *Inflation and Economic Growth.* Working Paper No. 5326. Washington DC: National Bureau for Economic Researches, 1995.
2. Baumohol, Bernard.: *Economic Indicators, Second Edition*. New Jersey (USA): Wharton School Publishing by Pearson Education Inc., 2008.
3. Cypher, J. M. and Dietz, J. L.: *The process of Economic Development.* London: Routledge, 2002.
4. Ghatak, Subrata: *Introduction to Development Economics, Third edition.* London and New York (UK and USA): Routledge, 2005.
5. Петрески, Гоце: *Економски раст и развој - теории, модели, меѓународни искуства.* Скопје: Економски факултет, 2002.
6. Strauss, J., Duncan, T.: *Health over the Life Course* in *Handbook of Development Economics Vol. 4*, Edited by Schulttz T and Strauss J., Amsterdam (Netherlands) : North-Holland, 2008. pp. 3375-3474.
7. Todaro, Michael P.: *Economic Development (5th edition)*. New York, London: Longman, 1994.
8. UNDP: *Human Development Report (1990 . . . 2007)*. New York (USA): UNDP, 1990 … 2007.
9. UNDP: *Human Development Report '08*. New York (USA): UNDP, 2008.

10. UNDP: *Human Development Report '09*. New York (USA): UNDP, 2009.
11. World Bank: *World Development Indicators '08*. Washington DC (USA): IBRD/WB, 2008.
12. World Bank: *World Development Report '09*. Washington DC (USA): IBRD/WB, 2009.

339.5.017 : 334.726

Асс. м-р **Наташа РИСТОВСКА**

ИЗБОР НА МЕТОД ЗА ВЛЕЗ НА СТРАНСКИ ПАЗАР: МЕРЏЕРИ И АКВИЗИЦИИ НАСПРОТИ GREENFIELD ИНВЕСТИЦИИ

Апстракт

Овој труд ја обработува одлуката за влез на мултинационалните претпријатија на странски пазар односно во земјата домаќин. Две алтернативни методи на странска директна инвестиција се земаат во предвид и тоа старт од нула инвестициите наспроти припојувањата или преземањата надвор од националните граници. Мерџерите и аквизициите како начин за реализација на странска инвестиција драматично растат во светот изминатите години. Се анализира изборот на метод на странска директна инвестиција со споредба на двата методи врз основа на надворешните и внатрешните влијанија. Оптималниот метод за влез зависи од интензитетот на конкуренцијата на пазарот. Утврдуваме дека изборот на вистинскиот метод е различен за секое претпријатие зависно од индустријата во која работи и состојбата на пазарот во земјата домаќин, од каде што произлегуваат и препораките за инвеститорите.

***Клучни зборови**: странски директни инвестиции, аквизиции, Greenfield инвестиции, мултинационални претпријатија, методи за влез*

Странските директни инвестиции во својата класична форма се дефинирани како инвестиција на една компанија од една земја во друга странска земја. Зголемувањето на странските директни инвестиции е значајно во услови на глобализација на светската економија. Странските директни инвестиции може да функционираат во различни типови и форми. Едноставно кажано мерџерите и аквизициите надвор од националните граници и Greenfield инвестициите станале основна алатка и карактеристика на глобалниот бизнис. Секој инвеститор на меѓународниот пазар прво треба да се запознае со специфичностите на секоја од можностите односно методите за инвестирање кои му се достапни.

На глобално ниво, мерџерите настануваат со припојување на две или повеќе компании кои се интегрираат во една голема компанија. Со мерџерите, во најголем број случаи, се создава нова компанија како резултат на доброволно спојување. Мерџерот според своите методи и постапки може

да биде сличен на преземањето т.е аквизицијата. Разликата кај мерџерот е тоа што се креира ново име и нов бренд, често пати комбинација од имињата на двете компании од политички и маркетиншки причини.

Аквизициите[1], познати како преземања, постојат кога една компанија купува друга компанија на национално или на меѓународно ниво. Формата на купување на друга фирма може да биде различна. Фирмата купувач за да ја купи таргетираната компанија може да користи кеш кој што го добил од сопствениот тековен бизнис; може да се задолжи за да ја купи фирмата; може да се послужи со сопствениот акционерски капитал или може да се послужи со микс од овие механизми. Исто така, фирмата купувач може да ги купи сите средства на фирмата која е цел на купување, може да купи мнозинство од овие средства ; или пак може да го купи контролниот пакет акции, доволно за да може да ги донесува сите управувачки и стратегиски одлуки во купената фирма. Исто така, аквизицијата може да се јави во неколку други димензии. Така преземањето може да биде извршено на пријателски начин или на непријателски начин. Во првиот случај, кога имаме пријателска аквизиција, компаниите соработуваат т.е вршат преговори со менаџментот на компанијата која е цел на купување, но во вториот случај, аквизицијата е непожелна од страна на компанијата која се купува или пак таа компанија нема доволно сознанија за купувачот. Некои непријателски аквизиции се познати и како hostile takeovers. Иако аквизицијата се јавува како многу брз начин на влегување во друга земја, со купување на претпријатие кое веќе постои, сепак таа како метод на странска инвестиција е доста комплицирана и многу фактори влијаат на нејзиниот исход.

Со мерџерите и аквизициите се остварува здружување на компаниите во потполно нова компанија. Честопати се забележува дека овие два поими се изговараат и користат заедно, поточно имаат употреба на синоними иако имаат разлики. Кога една компанија ќе преземе друга и ќе се прогласи за сопственик, станува збор за аквизиција. Според законот, преземената компанија ќе престане да постои. Мерџер постои кога две компании, најчесто со иста големина, се соединуваат заради остварување заеднички цели. Овој вид на мерџер е познат како рамноправен мерџер. Капиталот од двете компании се соединува и тие продолжуваат да функционираат под ново име, најчесто комбинација од двете соединети компании. Во практика, овој вид на рамноправни мерџери не се случува често. Обично, се прави договор кога една компанија купува друга компанија и наместо рамноправен мерџер, технички се спроведува аквизиција. Процесот на купување на една фирма обично има негативна конотација, па поради тоа во договорите стои поимот мерџер, а топ менаџерите се обидуваат да го направат преземањето поприфатливо. Мерџер постои и кога има пријателски договор за купување на

[1] Philippe Lasserre: Global Strategic Management, Second edition, Palgrave Macmillan, 2007, p.174

фирма, во случај кога двете фирми сметаат дека нивното здружување е најдобро опција за секој од нив. Во случај на непријателски договор имаме аквизиција. Дали купувањето се смета за мерџер или аквизиција зависи дали имаме пријателско или непријателско купување. Со други зборови, вистинската разлика помеѓу мерџерите и аквизициите лежи во тоа како купувањето е објавено и како е прифатено од страна на бордот на директори, вработените и акционерите на купената компанија. Исто така, под мерџер се подразбира трансакцијата со која барем една фирма престанува да постои и нејзините добра се пренесени на друга фирма, додека пак аквизицијата подразбира трансакција со која двете фирми опстануваат, но купувачот го зголемува процентот на сопственост во купената фирма.

Старт од нула или greenfield[2] инвестициите, постојат кога странското претпријатие основа претпријатие во своја целосна сопственост во земјата домаќин. Во многу случаи, проблемите кои произлегуваат од аквизициите ги поттикнуваат претпријатијата да изградат објекти во странство и да го започнат бизнисот од нула. Оваа метода е комплексна по својата природа и е сврзана со преземање на целосен ризик од работењето на филијата во земјата домаќин. Претпријатијата кои спроведуваат ваква инвестиција имаат целосна сопственост над остварениот профит. Оваа метода е интересна за бизнис каде што е голема улогата на логистиката на производството, а не постојат услови за преземање на локални претпријатија. Изградбата на нови погони овозможува градење на модерни објекти со најнова технологија, при што се оптимизираат трошоците на локацијата од аспект на транспортот, работната сила, даночните олеснувања и сл. Покрај тоа, се создаваат и определени проблеми кои произлегуваат од не постоење на локален партнер кој го знае окружувањето и кој има искуство со работната сила. Исто така, проблеми можат да настанат и од непознавањето на локалните закони и потребата од комуницирање и преговарање со владата, синдикатите и дистрибутерите во земјата домаќин. Иако оваа метода подразбира висок степен на ризик, сепак нејзината голема предност е тоа што целиот остварен профит и припаѓа на матичната фирма. Контролата на работењето е целосна, а постои и смаостојност во донесување на одлуките. Ова и овозможува на фирмата водење на глобалната стратегија, за разлика од заедничките вложувања каде постојат ограничувања од партнерот кој може да има други идеи за инвестирање и развој.

Со трендот на интернационализација се зголемуваат можностите на компаниите за проширување на бизнисот. Основниот мотив е да се создаде и одржи конкурентската предност на меѓународниот пазар. Во моментот кога компаниите сметаат дека е време да ги прошират своите инвестиции на

[2] Ricky W. Griffin, Michael W. Pustay: International Business: Managerial Perspective, Third Edition, Prentice Hall, 2003, p. 244

меѓународниот пазар, тие треба да усвојат политика и стратегија на странска директна инвестиција. Следи избор на соодветната метода за реализација на стратегијата помеѓу специфичните алтернативи. Два вообичаени методи кои им стојат на располагање на компаниите се старт од нула инвестициите и мерџерите и аквизициите. Пред да се донесе одлуката за примена на некоја од методите, покрај нивните основни карактеристики, компанијата инвеститор треба да ги сфати карактеристиките на секоја од методите водејќи сметка за надворешните и внатрешните влијанија. Потоа може да сметаме дека компанијата ќе го направи вистинскиот избор.

Според светскиот извештај[3] за странски директни инвестиции, најголем дел од мултинационалните компании пред осумдесетите години остваруваат влез на странски пазар преку Greenfield инвестиции, но после осумдесетите години компаниите во зголемена мера влегуваат на странски пазар преку аквизиција на локален производител наместо со основање на нов сопствен субсидиер.

Компанијата може да оствари влез со основање на субсидиер од нула во целосна сопственост во странската земја или т.н Greenfield стратегија или преку аквизиција на постоечко претпријатие на таргетираниот пазар. Старт од нула инвестициите се еден од најтипичните начини на внатрешен развој, додека мерџерите и аквизициите се користат како начин за надворешен развој. Внатрешниот и надворешниот развој имаат свои предности. Секој од одделните методи може да донесе извонредни резултати остварувајќи развој и проширување на бизнисот на компанијата. Основната разлика помеѓу двата методи произлегува од разликите во нивната имплементација. Мерџерите и аквизициите се инвестиционен метод кој се реализира со проширување на внатрешната организација на фирмите преку тргување на странски пазар и го гледа претпријатието кое се презема како специфична алатка. На почетокот фирмите кои ја вршат аквизицијата ги преплаќаат средствата на претпријатието кое го преземаат. Ваквата аквизиција нема веднаш да го зголеми капацитетот на производство на земјата домаќин. Поради ваквата состојба земјата домаќин се грижи за пазарната структура и конкуренцијата во соодветната индустрија. Особено во земјите во развој, се води сметка дали ваквиот начин на инвестиција влијае на економската независност на земјата домаќин. Greenfield инвестицијата придава значење на соодветното користење на внатрешниот капацитет на организацијата и ресурсите на претпријатието, со цел да се воспостави нов производен капацитет и да се постигне економија од опсег, купување на земја, машини и средства за производство. Според овој метод, движењето на пазарните трансакции е заменето со текот на трговијата во внатрешната организација

[3] UNCTAD: World Investment Report 2007: Cross-border Mergers and Acquisitions and Development, United Nations Geneva, 2007, p.4

на компанијата. Ваквиот начин елиминира некои трошоци кои настануваат од пазарните трансакции, но произлегуваат слични трошоци од внатрешниот менаџмент. Раликите помеѓу трошоците на внатрешниот организациски менаџмент и трошоците на пазарните трансакции се детерминирани од капацитетот на претпријатието и ресурсите. Оттука произлегува дека суштината на изборот помеѓу мерџерите и аквизициите од една страна и Greenfield инвестициите од друга страна се заснова на односот меѓу приходите и расходите. Во врска со трошоците, двата методи покажуваат разлики во ефектите на надворешните фактори и внатрешната конфигурација. Со развој на стратегиската теорија, претпријатијата не го следат само краткорочниот интерес, туку за да остварат долгорочни стратегиски цели, тие треба да водат сметка за остварување на ефективни и ефикасни инвестиции. Целта е да се постигнат стратегиските бизнис активности и одржлива конкуренстка предност. Крајниот избор помеѓу двете методи треба да се фокусира на бизнис развојните стратегии. На компанијата Леново и биле потребни дваесет години за да израсне во регионална компанија преку Greenfield инвестиции, но таа прерасна во глобална компанија во краток период преку мерџери и аквизиции. Таа го комплетирала ширењето на бизнисот со надворешен развој бидејќи со внатрешен развој тоа не може да се постигне или е потребно долго време за да се оствари таа стратегиска цел. Секоја компанијат треба да ја донесе вистинската одлука според реалната состојба.

Споредбата[4] на двата методи врз основа на надворешните влијанија ја започнуваме со интензитетот на пазарната конкуренција. Според овој фактор, разликата се состои во тоа што мерџерите и аквизициите претставуваат прилагодување на постоечките фирми на пазарот и индустријата, додека Greenfield инвестициите додаваат нова понуда на пазарот. Во пазарно ориентирана средина, слабата конкуренција често е придружена со високи профити во индустријата. Во ваков случај, странските директни инвестиции се наклонети на Greenfield инвестиција за влез на пазарот. Кога ефективната понуда на пазарот е далеку од задоволување на побарувачката, тогаш Greenfield инвестицијата може да присвои значаен пазарен дел и да оствари конкурентска предност. Пазарните изгледи за иднината кои ветуваат многу можат да привлечат голем број на инвеститори, но бројот на соодветни фирми за аквизиција може да биде недоволен, а во исто време трошоците за аквизиција многу високи. Според тоа, мудрите инвеститори ќе ги преферираат Greenfield инвестициите наспроти мерџерите и аквизициите. Спротивно, со зголемување на понудата пазарот се заситува. Оттука, новите инвеститори имаат скоро нула повраток на средства од влезот на пазарот, а конкуренцијата станува се поинтензивна како што понудата ги надминува побарувањата.

[4] Friedman, J.W.: Mode of foreign entry, technology transfer, and FDI, London: Oxford University Press, 2003, p.187

Со цел да опстанат, компаниите ги намалуваат цените за сметка на пазарните удели. Во вакви услови, мерџерите и аквизициите ја враќаат својата позиција, а со нивниот брз растеж се освојува поголем пазарен удел и поголем производен капацитет со што во исто време се намалуваат трошоците. Степенот на конкуренција на пазарот често е придружен од развојниот циклус на индустријата. Секоја индустрија во својот развој поминува низ четири фази и тоа, почеток, развој, зрелост и опаѓање. Со појава на нови производи и нови технологии, индустријата започнува со нов развоен циклус. Во иницијалната фаза на развојот, поради слабата конкуренција, Greenfield инвестициите се главен метод на инвестирање. Како што индустријата зрее и конкуренцијата расте, претпријатието започнува да ја користи економијата од опсег и остварува вишок на производство. Методот на старт од нула инвестиции треба да биде заменет со мерџери и аквизиции. Под влијание на конкуренцијата, тие ќе ја преземат позицијата на водечки метод за реализација на странските директни инвестиции.

Вториот фактор за споредба на двата методи се ограничените ресурси. Конкурентската предност на компаниите лежи во нивниот главен производ, а неговата форма зависи од специфичните ресусри за производство. Различни претпријатија имаат различни инвестициони перформанси во зависност од карактеристиките на ресурсите. Од друга перспектива, изборот за инвестиционен метод е ограничен од објективните услови кои се последица на специфичните ресурси. Понекогаш, добрите ресурси придонесуваат за конкурентската предност на претпријатието. Сепак, некои ресурси се лимитирани во број или со локација. Во ваков случај, со цел да се постигне предност со ресурсите, единствен начин се мерџерите и аквизициите.

Нареден фактор кој се зема во предвид е мобилноста или преносливоста на ресурсите. Кај двата методи во суштина се шират способностите и ресурсите на самите матични компании. Компаниите ги распространуваат нивни основни компетенции во сопствените рамки во случај на Greenfield инвестиција. При мерџерите и аквизициите во преземенето претпријатие се пресадуваат во целост основните компетенции и ресурси на компанијата преземач. Според тоа, детерминирањето на некој од двата методи зависи од тоа дали ресурсите и способностите се преносливи. Во случај кога капиталот е централизиран, инвестицијата има тенденција кон Greenfield. Во случај кога човечкиот капитал е централизиран, инвестицијата има тенденција кон мерџер или аквизиција. Многу е тешко да се трансферираат знаењето и технологијата во рамките на една земја, а уште помалку надвор од границите. Преку мерџери и аквизиции компанијата може да се стекне со технологијата, патентите и професионалните и технички кадри од преземената фирма, со што ќе ги намали трошоците за истражување и технолошки развој, ќе го намали временскиот ризик и ризикот од неуспех, а ќе обезбеди побрзо надградување и подобрување на функционирањето. Исто така, основните

производи на претпријатијата со централизиран човечки капитал се тешки да се достигнат. Неопходно е регрутирање на нови кадри кои пак трошат многу енергија за да ги совладаат постоечките брендови на компанијата. Мерџерите и аквизициите можат брзо да го решат проблемот со создавање на оперативни предности и избегнување на ризикот.

Последниот надворешен фактор во споредбата на двата методи за настап на странски пазар е пазарната побарувачка во индустријата. Генерално, доколку инвеститорот влегува во индустрија кај која побарувачката се менува постојано, тој преферира примена на мерџерите и аквизициите како начин на инвестирање на пазарот. Константните промени ја наметнуваат потребата претпријатието да врши предвидување на високо ризичните операции во блиска иднина. Мерџерите и аквизициите можат подобро да одговорат на промените и им овозможуваат на компаниите побрзо освојување на новиот пазар. Напротив, кога побарувачката во индустријата е стабилна, тогаш компаниите можат да остварат поефективен влез согласно очекувањата и плановите преку Greenfield инвестиција.

Споредбата на мерџерите и аквизициите наспроти Greenfield инвестициите се врши и според внатрешните влијанија меѓу кои е и брзината на реализација. Со преземање на веќе постоечко претпријатие, компанијата може брзо да го изгради своето присуство на таргетираниот странски пазар во споредба со старт од нула инвестициите. Кога се соочуваат со експанзија на бизнисот, најголем дел од компаниите ги претпочитаат мерџерите и аквизициите како пократок пат. Во услови на економска глобализација, за корпорациите не е важен само пристапот до релевантен пазар туку особено важни се и опстанокот и развојот. Во поглед на брзината на реализирање на настапот на странски пазар прв избор за менаџментот кој ги носи одлуките се мерџерите и аквизициите. На тој начин, компанијата ќе го намали периодот на остварување на проектот. Со преземањето на фирма на локалниот пазар, компанијата се здобива со предност пред силната пазарна конкуренција. Со изборот на Greenfield инвестиција, компанијата треба да се подготвува подолго време за да се справи со комплицираната процедура на основање. Тоа подразбира, истражување и официјално одобрување на инвестицијата, инфраструктура и инсталација на опрема. Постојат голем број на неизвесни и непредвидливи фактори кои влијаат на инвестицијата. Истражувањата покажуваат дека преговорите за Greenfield инвестиција траат две до три години, додека за мерџерите и аквизициите потребни се неколку месеци, а тие исто така го намалуваат ризикот и притисокот на времето. Германската компанија за автомобили Daimler-Benz[5] кога решила дека треба да го зголеми своето присуство на американскиот пазар, тоа не го остварила преку изградба на фабрики во Америка бидејќу тој процес би траел повеќе години,

[5] Christopher Barlett, Samantha Choshal, Paul Beamish: Transnational management, Text, Cases, and Reading in Cross-border Management, Fifth edition, McGraw-Hill, 2008, p. 267

туку ја презела третата по ред автомобилска компанија во Америка Chrysler и го создала мерџерот Daimler-Chrysler. Компаниите преку аквизиција на најбрз начин остваруваат забележително присуство на таргетираниот пазар.

Вториот внатрешен фактор е корпоративната култура. Културата претставува сплотување на организацискиот систем и перформансите. Иако корпоративната култура е неопиплива и нематеријална, таа е рефлексија на компанијата и е водена од бизнис активностите на компанијата. Корпоративната култура се акумулира во деловните активности на компанијата и тешко е да се промени откако веќе ќе се воспостави, а уште потешко е да се копира или трансферира. Доколку една компанија се обиде да го имитира успехот на трошковна стратегија на друга компанија, тоа ќе биде неуспешно бидејќи таа не може да ја копира културата на компанијата. При преземање на друга компанија, процесот на адаптација е долг во смисла на разликите во културата на компаниите кои произлегуваат или од разликите во националните култури на две земји или од разликите на различните индустрии. Од аспект на корпоративната култура, Greenfield инвестицијата е подобар метод бидејќи компанијата основа ново претпријатие и ја имплементира постоечката корпоративна култура во нов ентитет. Инвеститорите на овој начин можат да одржат висок степен на конзистентност. Компаниите чија култура е помалку карактеристична и поверојатно да се постигне разновидност можат успешно да ги применат и мерџерите и аквизициите.

Последниот внатрешен фактор за споредба на двата методи е менаџментот[6] на компаниите. Постојат голем број на компании кои работат со ниска ефикасност и тоа не заради ниските степен на ресурси туку заради неефикасниот менаџмент. Според тоа, еден од внатрешните природни мотиви за мерџери и аквизиции е различното ниво на менаџмент. Како што е различно нивото на менаџмент во структурата на претпријатието така и ефикасноста на менаџментот е различна. За илустрација, доколку има две компании А и Б, менаџментот на компанијата А е поефикасен од менаџментот на Б. А ќе остварува повеќе доколку го имплантира својот менаџмент во Б. Оттука, А има мотивација да изврши аквизиција на Б. Преку мерџер или аквизиција, менаџментот на компанијата А може да оствари максимален повраток на средствата. Од друга страна, во одредена мерка некои компании со ниско ниво на менаџмент претпочитаат Greenfield инвестиции за да го заобиколат високото ниво на ризик на менаџментот.

[6] Barba Navaretti G.: Multinational Firms in the World Economy, Princeton University Press, 2006, p. 89

Заклучок

Изборот помеѓу аквизициите и старт од нула инвестициите не е едноставен. Двата методи имаат свои предности и слабости. Всушност, изборот ќе зависи од околностите на кои треба да се приспособи компанијата односно од условите на пазарот во земјата домаќин. Доколку компанијата има намера да влезе на пазар каде што веќе постојат добро позиционирани претпријатија, а глобалните конкуренти се исто така заинтересирани да остварат присуство, на компанијата најисплатливо ќе и биде да настапи преку аквизиција. Во овие услови, старт од нула инвестиција би била премногу бавна за реализација за да се оствари значително присуство. Сепак, доколку компанијата се реши да реализира преземање или припојување, нејзиниот менаџмент треба да биде запознаен со сите ризици за да го оствари овој метод како и ризиците врзани со изборот на фирмата која ќе ја купи или припои. Понекогаш е подобро да се преземе бавна, но посигурна старт од нула инвестиција отколку лоша аквизиција. Доколку компанијата донесе одлука за влез во земја каде што не постојат етаблирани фирми од областа ниту конкуренти за да се преземат, тогаш Greenfield инвестицијата е единствен расположлив метод. Но, и во случај кога постојат домашни фирми од областа, а конкурентската предност на компанијата се заснова на трансфер на организационо поврзани способности, вештини, рутина и култура на работење, би било подобро да се настапи преку Greenfield инвестиција. Вештините и организационата култура се базираат на посебно знаење и тешко се пренесуваат и кодификуваат, полесно е да се вметнат во ново претпријатие отколку во стекнат ентитет каде што ќе биде потребно да се надминат воспоставената рутина и култура на преземената фирма. Накратко, доколку инвеститорите го изберат вистинскиот начин да влезат на таргетираниот пазар, тоа може да им овозможи заштеда и намалување на ризикот. Сепак, доколку се избере погрешниот метод, тие нема да ги задоволат своите очекувања. Според тоа, сите инвеститори треба добро да ги промислат и детално да ги разгледаат опциите кои им стојат на располагање пред да ја донесат конечната одлука за инвестирање.

THE CHOICE OF MARKET ENTRY MODE: MERGERS AND ACQUISITIONS VERSUS GREENFIELD INVESTMENTS

Summary

This paper studies the entry decision of a multinational enterprise into a foreign market. Multinationals may enter a host market by different modes of foreign direct investment. Two alternative entry modes are considered: Greenfield investment versus cross -border M&A. In practice, M&A transaction has increased dramatically over the last several years. This paper examines the choice of FDI modes, and makes a comparison between the two modes from the external and internal impacts. The optimal entry mode decision is affected by the competition intensity in the market. In conclusion, we underline that the choice of the right mode is made according to the different situation about the firms in the international market and we give suggestions to investors.

Keywords: Foreign direct investment, Merger and acquisition, Greenfield investment, Multinational firms, Entry mode

Литература

1. Barba Navaretti G.: Multinational Firms in the World Economy, Princeton University Press, 2006.
2. Bjorvatn, K.: Economic integration and the profitability of cross border mergers and acquisitions, European Economic Review, 2007.
3. Charles W.L. Hill. : International Business, Irwin Professional Pub, 2005.
4. Friedman, J.W.: Mode of foreign entry, technology transfer, and FDI, London: Oxford University Press, 2003.
5. UNCTAD: World Investment Report 2007: Cross-border Mergers and Acquisitions and Development, United Nations Geneva, 2007.
6. Zhou, Lei: Multinational firms and the theory of international trade, China Economic Publishing House, 2008.
7. Philippe Lasserre: Global Strategic Management, Second edition, Palgrave Macmillan, 2007.
8. Christopher Barlett, Samantha Choshal, Paul Beamish: Transnational management, Text, Cases, and Reading in Cross-border Management, Fifth edition, McGraw-Hill, 2008.
9. Ricky W. Griffin, Michael W. Pustay: International Business: Managerial Perspective, Third Edition, Prentice Hall, 2003.
10. Thomas L. Wheelen, J. David Hunger: Strategic management and business policy, eleventh edition, Pearson Prentice Hall, 2008.

658.8:004.738.5

Помлад асс. **Слободан ЈАЌОСКИ**

МАРКЕТИНГ НА ИНТЕРНЕТ ПРЕБАРУВАЧИТЕ

Апстракт

Трудот претставува краток преглед на основните карактеристики на маркетингот на интернет пребарувачите (SEM), како главен и најспецифичен претставник на растечката онлајн промотивна индустрија. Илустриран е обемот и значењето на индустријата за пребарување. Исто така, објаснети се принципите на функционирањето на неговите основни компоненти – оптимизацијата на машините за пребарување (SEO) и "плати-по-клик" огласувањето (PPC).

***Клучни зборови**: маркетинг на интернет пребарувачи, онлајн огласување, интернет пребарувачи, оптимизација, плати-по-клик*

Вовед

Рецесиската 2009 година ќе остане запаметена во маркетинг светот како година на драматични промени во маркетинг комуникацискиот микс. Имено, за првпат во историјата, во некои земји компаниите повеќе трошеа на онлајн промоција одошто на традиционална телевизиска промоција. Иако прва земја во која се случи овој пресврт беше Данска (март 2009), сепак вистинската сензација дојде во септември 2009, кога извештаите на реномираните Interactive Advertising Bureau (IAB) и PricewaterhouseCoopers (PWC) покажаа дека во една од најголемите светски економии – Велика Британија, онлајн огласувањето веќе доминира над телевизиското огласување. Британските компании во првите шест месеци на 2009 потрошиле 1,75 милијарди фунти на интернет огласување, со што интернет огласувањето во земјата зафаќа 23,5% од адвертајзинг колачот, наспроти телевизијата која има 21,9%. Колку за споредба, кога IAB и PWC започнале да ги прават овие извештаи во 1998, на интернет огласување во Велика Британија се трошеле само 19,4 милиони фунти.[1]

[1] The Guardian : "*Internet overtakes television to become biggest advertising sector in the UK"*, 30 September 2009 (http://www.guardian.co.uk/media/2009/sep/30/internet-biggest-uk-advertising-sector - посетено на 14 октомври 2009)

Иако овие бројки може да се објаснат со влијанието на рецесијата, и телевизиското огласување би можело повторно да го завземе приматот следната година, сепак, на сите веќе би требало да им е јасно дека на долг рок, онлајн промоцијата ќе биде главен начин на промоција, не само во Велика Британија, туку и во светски размери. Постои огромен спектар на онлајн промотивни техники, кои се класифицираат на[2]:

1. Маркетинг на интернет пребарувачите (Search Engine Marketing – SEM)
2. Онлајн односи со јавноста (Online PR)
3. Онлајн партнерства (Online Partnerships)
4. Интерактивно огласување (Interactive Advertising)
5. Маркетинг по електронска пошта (E-mail Marketing)
6. Вирален маркетинг (Viral Marketing)

Забележуваме дека првото место го зазема маркетингот на интернет пребарувачите – ова не е случајност, бидејќи токму на оваа промотивна техника отпаѓаат од 40% до 60% од вложувањата во онлајн промоција. Овој труд ќе се обиде да направи мал преглед на основните карактеристики на маркетингот на интернет пребарувачите, како главен и најспецифичен претставник на растечката онлајн промотивна индустрија.

1. Интернет пребарувачи

Интернет пребарувачот (search engine) претставува програма која ја скенира целокупната мрежа и формира листа на веб-локации (web sites) врз основа на внесените клучни зборови од страна на корисникот или врз основа на друг критериум. Секој кој користел Интернет сигурно пребарувал на овие веб-локации, како на пример Google, Yahoo!, bing, итн. Интернет пребарувачите се примарен начин за пронаоѓање на информации во врска со организацијата и нејзините производи на Интернет - дневниот сообраќај на овие страници е навистина масивен, и просечно не е помал од неколку стотици милиони пребарувања дневно. Статистиката го говори следново[3]:

- 81% од секое купување започнува со пребарување преку Интернет

[2] Chaffey, D.; Mayer , R.; Johnston, K.; Ellis-Chadwick, F. *Internet Marketing – Strategy, Implementation and Practice*, 3rd edition, FT Prentice Hall, Harlow, 2006, p. 349

[3] Интернет Маркетинг Блог: "*Впечатоци од Webit 2009- e-Marketing & e-Business"*, 11 октомври 2009 (http://emarketing.komunikacii.net/webit-2009-emarketing/ - посетено на 14 октомври 2009)

- Помеѓу пребарувањето за одреден производ и одлуката тој да се купи, во просек поминуваат околу 30 дена
- 67% од пребарувањето на Интернет е иницирано преку некој офлајн канал
- По прикажувањето на некој оглас, речиси ист е процентот на пребарувањата за огласениот производ со процентот на кликови на прикажаната реклама
- 71% од луѓето очекуваат дека водечките марки ќе се најдат во топ резултатите од пребарувањето
- Во јули 2009, имало 36 милијарди пребарувања во Европа, а 113 милијарди во светот.

Постојат неколку основни причини зошто интернет пребарувачите се битни за организациите[4]:

1. Пребарувањето е ориентирано кон целите: луѓето пребаруваат за нешта што навистина им требаат и ги посакуваат
2. Интернет пребарувачите се вратата кон Интернетот
3. Индустријата околу пребарувањето е ГОЛЕМА
4. За да бидете пронајдени мора да сте видлив
5. Врвот на листата за пребарување значи и врв во свесноста за марката
6. Луѓето му веруваат на органското пребарување
7. Може да се привлечат купувачи во сите фази на циклусот за купување
8. Многу луѓе ги имаат токму интернет пребарувачите за почетни страници

Имајќи ги предвид овие анализи, очигледна е потребата од регистрација на организациската веб-локација[5] на интернет пребарувачите. Денес, најголемиот број интернет пребарувачи автоматски ги регистрираат новите веб-локации, што се постигнува со автоматски софтверски алатки (т.н. пајаци и роботи) кои ги индексираат клучните зборови од веб страниците. Со оглед на автоматската регистрација, компанијата главно треба да ги насочи

[4] Stokes, R. *eMarketing: The Essential Guide to Online Marketing*, Quirk eMarketing, 2009, p. 68-69

[5] Во трудот ќе бидат користени термини од Поимникот на македонски зборови од областа на информатичката технологија. (http://mio.gov.mk/files/pdf/POIMNIK.pdf) Така, општоприфатениот збор ‘сајт’ е заменет со веб-локација, ‘линк’ со врска, итн.

своите напори нејзината веб-локација да е што повисоко во соодветните листи на интернет пребарувачите и да има што повисок ранг во нив. На пример, доколку компанијата има веб-локација за изнајмување приватно туристичко сместување во Охрид, таа треба да се погрижи да се најде меѓу првите резултати на страницата кога странскиот турист во некој интернет пребарувач (на пр. Google) ќе ги внесе клучните зборови "Ohrid" и "lodging" (сместување). За да го постигне ова, компанијата мора пред се прецизно да ги таргетира своите потенцијални потрошувачи, од една страна, а од друга, да ги знае основните принципи на функционирање на интернет пребарувачите.


Многубројни интернет пребарувачи се појавуваат во последниве дваесетина години, почнувајќи од првиот FTP пребарувач Archie во 1990 година[6]. Денес[7], карактеристична е силната концентрација на пребарувањата на само неколку интернет пребарувачи, при што најзначајни се: Google, Yahoo!, Baidu (кинески пребарувач), и bing на кои отпаѓа повеќе од 99% од пребарувањата направени во септември 2009[8]. Ова, секако има импликации во маркетиншка и огласувачка смисла – додека порано маркетинг напорите требало да се насочат на голем број на интернет пребарувачи, денес практично постои одреден олигопол на интернет пребарувачи – големи онлајн компании кои, освен основниот пребарувачки веб-локација поседуваат или пак го овозможуваат пребарувањето на други веб-локации. Притоа, маркетерите мора да имаат го имаат во предвид и географскиот контекст – на одредени пазари постои различен пазарен удел на интернет пребарувачите, со поголемо или помало значење на локалните пребарувачи – на пример, во НР Кина доминантен е Baidu, во Русија –Yandex, во Јужна Кореја – Naver, во Чешка – Seznam.cz итн. Треба, исто така, да се напомене дека, и покрај помалата употреба, важни се и специјализираните интернет пребарувачи – кои се однесуваат само на одредени категории на производи и услуги.

[6] Michael, A.; Salter, B. *Marketing Through Search Optimization: How people search and how to be found on the Web,* 2nd edition*,* Elsevier, Oxford, 2008, p.1

[7] Со текот на годините состојбата со пазарниот удел на машините за пребарување е драматично променет и сеуште се менува.

[8] http://marketshare.hitslink.com/search-engine-market-share.aspx?qprid=5&qpdt=1&qpct=4&qptimeframe=M&qpsp=83&qpnp=23 (посетено на 14 октомври 2009)

Слика 1. Вкупен пазарен удел на интернет пребарувачите во светски размери.



Извор – прилагодено од: marketshare.hitslink.com

2. Маркетинг на интернет пребарувачите – поим

Проблематиката поврзана со промоцијата на машините за пребарување во последните неколку години прераснува во посебен отсек на онлајн промоцијата наречен маркетинг на интернет пребарувачите (search engine marketing – SEM). Терминот за првпат е употребен и предложен од експертот за онлајн маркетинг, Дени Саливен, во ноември 2001[9] на веб-локацијата Search Engine Watch, бидејќи се сметало дека дотогашните термини се надминати. *Маркетингот на интернет пребарувачите* или SEM, едноставно кажано, претставува збир на маркетинг методи за зголемување на видливоста на веб-локацијата во резултатите на интернет пребарувачите. SEM, во поширока смисла, се состои од два основни дела:

- Оптимизација на интернет пребарувачите (search engine optimization – SEO) и
- "Плати-по-клик" огласување (Pay-per-click advertising – PPC)

[9] Search Engine Watch : "*Congratulations! You're A Search Engine Marketer!"*, 5 November 2009 (http://searchenginewatch.com/2164351 - посетено на 14 октомври 2009)

Во потесна смисла на зборот, SEM го опфаќа само платеното огласување – PPC. Во овој труд маркетингот на интернет пребарувачите го се разгледува во поширока смисла.

2.1. Оптимизација на интернет пребарувачите (Search Engine Optimization – SEO)

Оптимизацијата на интернет пребарувачите претставува структурен пристап кој се употребува за да се подобри позицијата на компанијата или нејзините производи во резултатите на интернет пребарувачите кои се добиваат за селектирани клучни зборови (keywords). Се нарекува уште и *органска* или *природна оптимизација*. Се работи за прилагодување на самата содржина на веб-локацијата за истата да се прикажува повисоко во листата која ја генерира пребарувачот за одредено пребарување.

Во основа SEO претставува техничка област која бара добро познавање на веб-технологијата и начинот на функционирање на интернет пребарувачите. Сепак, основите на SEO треба да ги познава секој онлајн маркетер – основната логика на оптимизацијата е поврзана со добро познатите маркетинг концепти на сегментација и позиционирање во зависност од однесувањето на корисниците/потрошувачите. Исто така, помага и фактот дека сите интернет пребарувачи функционираат на повеќе или помалку исти принципи. Оптимизацијата на интернет пребарувачите опфаќа неколку подрачја, а тоа се[10]:

а) Структура на веб-локацијата "пријателски" настроена кон интернет пребарувачите

б) Добро истражени клучни фрази

в) Содржина оптимизирана да ги таргетира тие клучни фрази

г) Популарност на врските

д) Растечки трендови

а) Изградбата на веб-локација "пријателски" настроена кон интернет пребарувачите е работа на веб развивачот (web developer), кој треба да ги знае основните принципи на работа на интернет пребарувачите. Ако "пајакот" на Google дојде на веб-локација каде што секоја страница е поврзувана кон секоја друга, тој нема да знае за што е веб-локацијата.[11]

[10] Stokes, R. *eMarketing: The Essential Guide to Online Marketing*, Quirk eMarketing, 2009, p. 77
[11] Ramos, A; Cota S., *Search Engine Marketing,* McGraw-Hill, p. 149

б) Изборот на општи и специфични клучни зборови што се релевантни за соодветните производи, услуги и содржини е суштинска компонента на оптимизацијата на интернет пребарувачите, односно SEO. Општите или генерички клучни зборови се состојат од еден или два збора и се нарекуваат *long-tail* ("долга опашка") или *head terms* (главни термини); специфичните клучни зборови се три или неколку збора долги и се нарекуваат *tail terms*.[12] На пример, зборот "кашкавал" е главен термин, додека "ефтин беровски кашкавал" е специфичен термин. Главните термини создаваат повеќе посети за веб-локацијата, но специфичните, пак, имаат поголема веројатност за конверзија, т.е. поголема веројатност за набавка од страна на корисникот што пребарува.

Постојат четири клучни фактори за избор на клучни зборови за организацискатa веб-локација[13]:

1. *Обем* – некои популарни зборови генерираат милионски сообраќај.
2. *Релевантност* – за изборот на клучните зборови не е важно само дали се популарни, туку и дали се тие поврзани со организацијата.
3. *Конкуренција* – популарните клучни зборови се мета на многу организации, и затоа тешко е организацијата да изгради подобра позиција на интернет пребарувачот.
4. *Фокус* – подобро е организацијата да се фокусира на својата специфична понуда и да избере клучни зборови кои ќе привлечат помалку сообраќај, но овие посетители да вршат набавки.

Во основа изборот на клучните зборови подразбира добро истражување на маркетинг сегментите, психологијата на корисникот/потрошувачот и јазикот кој тој го користи. Постојат повеќе методи за определување на соодветни клучни зборови: брејнсторминг, анализа на сообраќајот на веб-локацијата, како и многу интернет алатки, како на пример, Google Keyword Tool, Wordtracker и сл. Треба да се напомене дека многу е битно кои клучни зборови ги користи конкуренцијата, сличните зборови, па и погрешно изговорените зборови.

в) Некои најважни техники кои се користат при оптимизација на содржината на веб-локацијата на клучните фрази[14]:

---

[12] Jones, K. *Search Engine Optimization - Your visual blueprint for effective Internet marketing,* Wiley Publishing, Indianapolis, IN, 2008, p. 14

[13] Network Solutions : "*Promote your business - Choosing Keywords for Search Engine Optimization"*, (http://www.networksolutions.com/education/choosing-seo-keywords/ - посетено на 14 октомври 2009)

[14] Chaffey, D.; Mayer , R.; Johnston, K.; Ellis-Chadwick, F. *Internet Marketing – Strategy, Implementation and Practice*, 2nd edition, FT Prentice Hall, Harlow, 2005, p. 346-347

Фактор	*Опис*	*Интерпретација*
1. Наслов	Клучните зборови во насловот на веб страницата што се појавуваат на врвот на прозорецот од прелистувачот.	Ова е важно во листите на интернет пребарувачите, бидејќи доколку внесениот збор се совпаѓа со насловот на страницата, поверојатно е тој да е повисоко на листата на резултати.
2. Мета тагови	Мета таговите се клучни зборови кои се дел од една веб страница, скриени од корисниците, но интернет пребарувачите ги користат за индексирање.	Доколку корисникот внесе збор кој се совпаѓа со мета таговите на една веб-локација, таа ќе се појави повисоко во листата, од веб-локациите кои немаат таков мета таг.
3. Фреквенција на појавување	Бројот на појавувања на зборот во текстот на страницата влијае на нејзината позиција во листата на резултати.	Повторувањето на одреден збор во страницата ја подобрува нејзината позиција на листата.
4. Скриени текстови за сликите	При вметнувањето на слики на веб страницата можат да се користат и специјални ALT тагови кои ја дообјаснуваат сликата.	Веб-локација што користи многу слики има помала веројатност за висока позиција на листата, освен ако не користи скриени текстови за сликите.
5. Врски (links)	Некои интернет листаат повисоко доколку клучните зборови претставуваат врски во веб-локацијата.	Кампањите за градење на врски можат да помогнат да се подобри позицијата на листата.

г) Популарноста на врските кон веб-локацијата е клучна компонента за успешноста на оптимизацијата. Имено, интернет пребарувачите, поучени од негативните искуства со веб-локации што сакаат да ги "изиграат" пребарувачите преку black hat ("црна шапка") оптимизација (веб-локации

составени само од клучни зборови без никаква содржина, мета тагови со лажни клучни зборови), се повеќе се насочени кон утврдување на вистинската значајност на една веб-локација. Притоа, особено е битно *колку* и *кои* веблокации на мрежата поврзуваат (линкуваат) кон организациската веб-локација. Логиката е дека ако повеќе веб-локации поврзуваат кон веб-локацијата, таа е порелевантен за корисникот кој врши одредено пребарување. Исто така, не помалку е битно кои веб-локации – секако дека доколку голема веблокација или веб-локација со авторитет во областа поврзува до организациската веб-локација – таа ќе се појавува погоре на листата на интернет пребарувачите.

Чефи и Смит ги сумираат најважните пристапи за "градењето на врски" (link building)[15]:

1. *Постигнување на природно градење на врски преку квалитетни содржини* – создавањето на квалитетни, интересни и корисни ресурси и содржини е најдобар начин за другите веб-локации да поврзуваат кон организациската веб-локација. Притоа организациската веблокација треба да го олесни ставањето врски од други веб-локации и корисници преку алатките на социјалните медиуми (популарно наречени "букмарклети").
2. *Барање до партнерите за поставување на врски кон организациската веб-локација.*
3. *Реципрочно поврзување* – ова е помалку вреднувано од интернет пребарувачите, но сепак е корисно.
4. *Купување на врски* – кое најдобро се прави преку договор со одредена веб-локација.
5. *Сопствено поставување на надворешни врски* – на разни форум и блогови. Ова е сива зона на градењето на врски, а голем дел од овие форуми и блогови градат ефикасни механизми за да спречат организациско промовирање.
6. *Создавање на "шум" преку односи со јавност* – спомнување на организациската веб-локација на конференциите за печат, и на вестите кои ги дистрибуира организацијата.

д) Интернет пребарувачите секојдневно стануваат се пософистицирани. Меѓу растечките трендови кај маркетингот на интернет пребарувачите се забележуваат[16] *локализацијата, персонализацијата и податоците за*

[15] Chaffey, D.; Smith, P. *eMarketing eXcellence – Planning and optimizing your digital marketing*, 3rd edition, Elsevier, Oxford, 2008, p.310-311

[16] Stokes, R. *eMarketing: The Essential Guide to Online Marketing*, Quirk eMarketing, 2009, p. 85-86

користење. Локализацијата и персонализацијата се однесуваат на обидот на интернет пребарувачите да ги прилагодат резултатите на индивидуалните карактеристики на корисниците. Исти клучни зборови на Google често ќе произведат различни резултати во Македонија и во САД. Интернет пребарувачите исто така, преку т.н. колачиња (*cookies*) го следат однесувањето на секој корисник на нивните услуги. На пример, доколку за одредено пребарување корисникот кликнал на првата веб-локација на листата, меѓутоа веднаш го напуштил таа веб-локација, интернет пребарувачот ќе "знае" дека кликнатата веб-локација веројатно не е доволно релевантен да се појавува прв при следното пребарување за истите клучни зборови, на истиот корисник.

2.2. "Плати-по-клик" огласување (Pay-per-click advertising – PPC)

Досега беше говорено за оптимизацијата на интернет пребарувачите (SEO) која е основен предуслов за секој успешно изведен маркетинг на интернет пребарувачите (SEM). И додека за оптимизацијата организациите може да ангажираат надворешни специјалисти, сепак најголем дел од онлајн адвертајзинг доларите се слеваат во другата компонента на SEM – а тоа е "плати-по-клик" огласувањето (pay-per-click advertising – PPC). Се работи за основен извор на приходи и финансиски столб на главните играчи на она што популарно се нарекува "индустрија за пребарување" (search industry). Google и Yahoo! речиси целосно се финансираат преку PPC.

Всушност, за многу организации и маркетери "плати-по-клик" огласувањето станува синоним за маркетингот на интернет пребарувачите. Нивниот најсилен аргумент е дека оптимизацијата и не е огласување во строга смисла на зборот, бидејќи секое огласување подразбира финаниска компензација на одреден медиумски посредник, што не е случај кај SEO, но претставува норма кај PPC.


"Плати-по-клик" огласувањето, како што кажува и самото име, претставува модел за онлајн огласување на веб-локациите при кој организациите им плаќаат на веб-локациите каде што се наоѓаат нивните огласи само тогаш огласот ќе биде кликнат од корисникот. Пионер на ваквиот тип на огласување е GoTo.com[17] (денешен Overture, односно Yahoo! Search Marketing), кој за првпат ја воведува PPC технологијата во февруари 1998, и набрзо станува општо прифатена практика.

Огласите кои се генерираат преку овој модел може да бидат текстуални и графички, но на самите интернет пребарувачи доминираат текстуалните огласи. Оваа пракса ја популаризираше Google кој на сопствената веб-локација не дозволува графички огласи, бидејќи се утврдило

[17] Colborn, J.;. *Search Marketing Strategies*, Elsevier, Oxford, 2006, p.16

дека графичките решенија ја прават непрегледна страницата со резултатите од пребарувањето. PPC огласите се јасно означени како *спонзорирани врски*. Од сликата може да се види дека ако во Google ги пребаруваме клучните зборови Car rental Macedonia (рент-а-кар Македонија) спонзорираните врски завземаат видливи позиции во страницата со резултатите од пребарувањето.

Слика 2. Спонзорирани врски на Google.



Извор – google.com

Текстуалните PPC огласи, со помали или поголеми разлики во зависност од кој PPC сервис се користи (Google AdWords, Yahoo! Search Marketing, Microsoft adCenter итн.), во основа ја имаат следната форма:

Наслов
Два реда текст,
Што можат да бидат и во еден ред
www.ImeNaSajt.com

Специфичниот, краток формат на PPC огласите значи дека менаџерите треба да обрнат внимание на ефикасно и ефективно формулирање на насловот и пораката на огласот. Освен тоа, мора да се внимава и на некои специфични насоки кои ги даваат интернет пребарувачите – на пример, Google AdWords не

дозволува користење на зборот "best" (најдобар). Сето ова придонесува да се развивива посебна "уметност" за пишување на PPC огласи – PPC copywriting.

PPC огласите како извор на приходи ги користат како интернет пребарувачите, така и други веб-локации. Притоа, тие веб-локации може да се приклучени на некоја од SEM сервисите на големите интернет пребарувачи. Така, на пример Google AdSense сервисот им овозможува на сопствениците на помалите веб-локации да заработат дел од приходот од огласи на Google преку согласност за поставување на Google AdWords PPC огласи низ веб-локацијата. Алтернативно, веб-локациите може да имаат и сопствени PPC модели, а особено битни за компаниите се веб-локациите за споредба на цени, како што е NexTag, PriceRunner, Kelkoo и други.

Постојат два основни системи по кои функционираат PPC огласите – наплата по рамна стапка (*flat rate*) или пак наплата заснована на наддавање (*bid-based*). Првиот, *flat rate* систем, се употребува често кај веб-локациите за споредба на цени, и во основа е многу едноставен – постои фиксна цена за секое кликнување на PPC огласот. Меѓутоа мнозинството на интернет пребарувачи не функционира по овој систем – апсолутно доминантен е системот на наплата заснована на наддавање (*bid-based*). Овој систем е покомплициран од првиот. На пример[18], да речеме дека три огласувачи, A1, A2 и A3, наддаваат $2.50, $3.00 и $2.35 респективно за истиот клучен збор. Интернет пребарувачот поставил минимална цена од $2.05 за тој клучен збор. Еве како ќе бидат позиционирани огласите, и колку секој огласувач ќе плати за еден клик:

Огласувач	**Понудена цена (bid)**	**Трошок-по-клик (CPC)**
A2	$3.00	$2.51
A1	$2.50	$2.36
A3	$2.35	$2.06

Ова е симплифициран приказ на функционирањето на овој систем, меѓутоа, во реалноста, цената и позицијата на огласот (дали огласот ќе се најде на повеќе или помалку видливо место), зависи од повеќе фактори. Позицијата на PPC огласот грубо се пресметува по следната формула:

Позиција (rang) = понудена сума од огласувачот x Quality Score

[18] Stokes, R. *eMarketing: The Essential Guide to Online Marketing*, Quirk eMarketing, 2009, p. 103

Quality Score е мултифакторски индекс кој го користат најголемите PPC сервиси и за првпат е воведен од Google AdWords. Поголемиот резултат кај овој индекс ги подобрува шансите PPC огласот да се најде погоре при пребарувањето за одреден клучен збор. Крајната цел на индексот во основа е максимизирање на шансите на квалитетните огласи да бидат кликнати, што во основа е во интерес и на организациите и на интернет пребарувачите. Точната формула по која се пресметува овој индекс е деловна тајна и варира од сервис до сервис, но во основа зависи од следниве фактори[19]:

1. *Стапката на кликнување (Click-through rate – CTR)* – Ова е веројатно најважниот фактор. Притоа, се зема како историската, така и скорешната стапка на кликнување на соодветниот интернет пребарувач. Атрактивните клучни зборови по правило генерираат поголем Quality Score бидејќи нивниот CTR е поголем.

2. *Содржината на огласот (Ad copy)* – За подобри резултати, содржината на огласот треба да го содржи клучниот збор или групација на зборови кои се поврзуваат со него.

3. *Квалитет на дестинациската страна (Landing page quality)* – веб-локацијата кон кој е насочен огласот треба да биде квалитетен, во смисла дека треба да биде релевантен за соодветното пребарување. Многу е важно таа веб-локација да го содржи клучниот збор, бидејќи некои пребарувачи, како на пр. MSN, при рангирањето воопшто не земаат

   предвид веб-локација која не го содржи клучниот збор.

4. *Налогот на организацијата (Account Quality score)* – досега наброените три фактори се користат на сите интернет пребарувачи, меѓутоа се претпоставува дека се повеќе значење има и налогот (account) што самата организација го има кај PPC сервисот на соодветниот пребарувач. Профитабилните налози имаат поголем Quality Score.

5. *Други фактори* – постојат и други фактори кои го детерминираат индексот. Особено важен е географскиот фактор – клучните зборови кои користат географски термини имаат поголем Quality Score.

Всушност, индексот Quality Score им овозможува организациите кои добро размислуваат да платат помалку од конкурентите, а сепак да имаат повисока позиција. Тоа е и во сржта на "плати-по-клик" филозофијата – која навистина ги принудува организациите да размислуваат ефикасно и

[19] bg Theory, LLC: "*Google AdWords Quality Score Factors Demystified"*, 3 April 2007 (http://www.bgtheory.com/blog/google-adwords-quality-score-factors-demystified/ - посетено на 14 октомври 2009)

маркетиншки – купувањето на атрактивни клучни зборови, без претходно совршено познавање на својот потрошувач и што тој навистина бара е бесмислено трошење на средствата на организацијата.

Предностите од користењето на "плати-по-клик" огласувањето во однос на традиционалното огласување се очигледни, особено за организациите кои ја имаат специјализирано својата понуда на производи и услуги. Освен тоа, на организациите им обезбедува мерливост на трошоците и резултатите од огласувањето. Основен недостаток со моделот е можноста за т.н. кликовна измама (click fraud) – конкурентите би можеле вештачки да ги зголемат трошоците на организацијата преку кликнување на нејзините огласи. Меѓутоа, интернет пребарувачите развиваат механизми за одбрана од ваквиот криминал – кој сеуште ја нема сериозно погодено индустријата за пребарување. Друг недостаток е растечката цена на атрактивните клучни зборови, но ова се надминува преку ефикасен избор на уникатни и таргетирани клучни зборови

Заклучок

Маркетингот на интернет пребарувачите е доминантна форма на онлајн огласувањето денес. Двете основни компоненти на маркетингот на интернет пребарувачите се оптимизацијата на интернет пребарувачите (SEO) и "плати-по-клик" огласувањето (PPC). И покрај тоа што е присутна тенденцијата за изедначување на SEM со PPC, SEO е основен предуслов за започнувањето на било каква кампања на интернет пребарувачите. При планирањето и спроведувањето на PPC кампањите, организацијата мора да изврши добро истражување на сопствената понуда, а особено на своите потрошувачи и начинот на кој тие ги користат интернет пребарувачите. Секако, за да успее маркетингот на интернет на пребарувачите треба да е добро интегриран со останатите онлајн промотивни техники.

Експлозијата на маркетингот на интернет пребарувачите не е случајност бидејќи неговите особини се во хармонија со интерактивната природа на интернетот како медиум и барањата на корисниците и организациите. Користа која ја добиваат корисниците од SEM се огледа во ненаметливото огласување на производи и услуги кои се веројатно од нивен интерес. Користа, пак, за организациите се огледа во можноста за насочен маркетинг, ниските трошоци и мерливоста на односот трошоци/резултати.

SEARCH ENGINE MARKETING

Abstract

This work is a short review of the search engine marketing's (SEM) basic characteristics, as the main and most specific representative of the growing online promotion industry. The scale and the significance of the search industry are illustrated. The functional principles of its basic components – search engine optimization (SEO) and pay-per-click advertising (PPC) are also explained.

Keywords: *search engine marketing, online advertising, search engines, optimization, pay per click*

Conclusion

Search engine marketing is the dominant form of online advertising today. The two basic components of search engine marketing are search engine optimization (SEO) and pay-per-click advertising (PPC). Despite the present tendency to equate SEM with PPC, SEO is the basic prerequisite for the start of every search engine campaign. Before planning and conducting PPC campaigns, the organization must execute a good research of its offer, and especially it's consumers and their way of using the search engines. Of course, for search engine marketing to be successful it should well integrated with the other online promotional techniques.

The search engine marketing's boom is not a coincidence – it's attributes are in harmony with the interactive nature of the internet as a medium and the demands of consumers and organizations. Benefits that internet users obtain from SEM include the unobtrusive advertising of products and services that are probably of their immediate interest. Benefits that organizations obtain include the opportunity for targeted marketing, low costs, and measurability of cost/effects.

Литература и веб-локации

1. Stokes, R. *eMarketing: The Essential Guide to Online Marketing*, Quirk eMarketing, 2009
2. Colborn, J.;. *Search Marketing Strategies*, Elsevier, Oxford, 2006
3. Chaffey, D.; Smith, P. *eMarketing eXcellence – Planning and optimizing your digital marketing*, 3rd edition, Elsevier, Oxford, 2008

4. Chaffey, D.; Mayer , R.; Johnston, K.; Ellis-Chadwick, F. *Internet Marketing – Strategy, Implementation and Practice*, 2nd edition, FT Prentice Hall, Harlow, 2005
5. Chaffey, D.; Mayer , R.; Johnston, K.; Ellis-Chadwick, F. *Internet Marketing – Strategy, Implementation and Practice*, 3rd edition, FT Prentice Hall, Harlow, 2006
6. Jones, K. *Search Engine Optimization - Your visual blueprint for effective Internet marketing,* Wiley Publishing, Indianapolis, IN, 2008
7. Ramos, A; Cota S., *Search Engine Marketing,* McGraw-Hill
8. Michael, A.; Salter, B. *Marketing Through Search Optimization: How people search and how to be found on the Web,* 2nd edition*,* Elsevier, Oxford
9. http://searchenginewatch.com
10. http://emarketing.komunikacii.net
11. http://www.sempo.org/
12. http://marketshare.hitslink.com
13. http://www.guardian.co.uk

65.012.7:334.726

Помлад асс. **Аземина МАШОВИЌ**

КОНТРОЛНИ МЕХАНИЗМИ ВО МУЛТИНАЦИОНАЛНИТЕ КОРПОРАЦИИ

Апстракт

За успешно да се управуваат со организацијата потребен е ефективен систем на контрола. Во мултинационалните корпорации, контролата е многу покомплексна отколку што е тоа случај во домашниот бизнис. Ефективен систем на контрола на една мултинационална корпорација треба да ја земе во предвид локалната адаптибилност и чувствителност на околината на земјата – домаќин. Предизвикувачка задача за врвното раководство на една мултинационална корпорација е да изгради контролен систем кој ќе биде корисен и за одделните супсидијари. Доколку интересите на супсидијарите не се во целост подредени во корист на развивање на корпоративните цели, тогаш поодговорно ќе се земе во предвид стратегискиот процес. Ова, пак, обезбедува поголем поттик за согласност од страна на супсидијарот и ја прави корпоративната контрола многу полесна.

Различните контролни механизми употребени од страна на домашните организации се применливи во мултинационалните корпорации. Разновидноста на меѓународното окружување, сепак, придонесува до тешкотии во примена на овие контроли. Ефективна контрола на една мултинационална корпорација применува формални, неформални, директни и индиректни механизми за да одговори посебно на секој супсидијар при спроведувањето на целосната стратегија на мултинационалната корпорација.

Клучни зборови: *контрола, контролни механизми, контрола на инпутот и аутпутот, ниво на донесување на одлуки, комуникации и тек на информациите, организациска структура, интегративни механизми, алокација на ресурсите*

Вовед

Контролата[1] е петта функција на менаџментот. Менаџерската функција на контролата го мери и го коригира извршувањето со цел да се остварат целите и плановите на организацијата. Контролирањето е механизам за откривање и

[1] д-р Бобек Шуклев, Менаџмент, 5 издание 2008, стр.329-330.

коригирање на значајните варијации на добиените резултати од планираните. Контролата е само дел, но многу значаен дел, од целиот концепт на менаџментот. Намерата на контролата е позитивна, да обезбеди дека она што било планирано е и направено.

Една од првите дефиниции на менаџмент – контролата била понудена од основоположникот на функционалниот менаџмент Хенри Фајол, според кој контролата содржи верификација дали нештата се случуваат во согласност со прифатениот план, со издадени инструкции и поставените принципи. Таа има за предмет да укаже на слабостите и на грешките со намера да ги исправи и да го спречи нивното повторување. Контролирањето е мерење на остварените резултати со стандардите, дијагностицирање на причините за девијација на остварените од саканите резултати и преземање на корективна акција, кога е потребно.

Ефективен менаџмент во рамките на една организација, меѓу другите фактори, зависи и од сигурниот континуитет и задоволителниот прогрес кон остварување на поставените целите. Менаџментот мора да одредува дали организацијата ги следи вистинските стратегии и дали тие стратегии се коректно имплементирани. Цврст менаџмент вклучува и прашања дали организацијата се движи во правилна насока и дали резултатите се остваруваат во согласност на намерата. Организациската контрола треба да обезбеди одговор на овие прашања. Контролата е потребана не само да ги открие проблемите и девијациите од плановите, туку и да ги антиципира проблемите пред тие да се појават. Функциите на контролата и стратегиското планирање се тесно поврзани и зависни. Добар план има вграден контролен систем кој ја следи имплементацијата на планот и обезбедува информации за остварување на целите. Тој често вклучува значајно проблемско подрачје и идентификување на тешкотиите во остварувањето на планот. Информацијата комплетирана од страна на различните видови на контролни механизми исто така ја проценува валидноста и соодветноста на стратегијата.

Ниедна организација не може да ги постигне своите цели без соодветна контрола. Императивот на организациска контрола се зголемува кога организацијата ја минуваат националната граница и се шири на непознати странски пазари. Постојат значајни разлики во контролата на мултинационалните компании (МНК) и домашните орагнизации. Овие разлики се резултат на комплексноста и неизвесноста во меѓународното окружување кај мултинационалните компании (МНК), што резултира со потенцијални тешкотии.

Во рамите на овој труд ќе се обрне посебно внимание на тоа како меѓународните организации и странските супсидијари се контролираат, односно ќе биде дефинирана целта на контролата и функциите на процесот на контролата, со посебен осврт на неколку значајни механизми на контрола во рамките на мултинационалните корпорации.

Анализа на проблематиката

Организациската контрола се однесува на процесот на следење и оценување на ефективноста на организациското извршување и преземање корективни мерки кога извршувањата ќе бидат под очекувањата. Како резултат на таа дефиниција, процесот на имплементирање на системот на контрола вклучува четири чекори:

1. Да се согледаат очекуваните резултати и да се одредат стандардите спрема кои организациските активности и извршувањата ќе бидат мерени;
2. Да се следат и да се собираат информации за организациските активности што се стремат кон остварување на поставените цели;
3. Оценување на организациското извршување и резултатите на ефективноста;
4. Да се направи неопходна промена со цел да се коригираат недостатоците за време и после имплементацијата на стратегијата.

Недостатоците, може да се резултат на пропустите во имплементацијата на стратегијата или текот на нејзиното спроведување. Неуспехот на стратегијата може да биде и во врска со промените на факторите на окружувањето што се основни претпоставки на стратегискиот план. Во секој случај, правилно воспоставен контролен механизам треба да понуди информации во врска со недостатоците. Меѓутоа, контролата може да се гледа како последен чекор во стратегискиот процес на менаџментот, што следи после планирањето и имплементацијата но, со потенцијал да обезбеди повратни информации како поддршка во тие системи.

Проблеми може да настанат во било која фаза од четирите чекори од системот на контрола. Неадекватни информации, на пример, може да резултира со воспоставување на несоодветни стандарди. За возврат, употребата на погрешни стандарди во процесот на остварување на поставените целите може да придонесе до погрешно мерење на извршувањата.

Како резултат на разликите во временски распон, планирањето може да биде стратешко или оперативно. Стратешкото планирање ја вклучува целата организација, се бави со опстанок на организацијата на долг рок и налага нерутински одлуки. Рутинските одлуки се однесуваат на тековните проблеми. Нерутинските одлуки се однесуваат на проблеми кои се уникатни, при што искуствата од минатото немаат големо значење за нивно решавање. Оперативното планирање ги зема во предвид краткорочните извршувања и се бави со тековните проблеми што често се во домен на индивидуалните организациски единици. Двата типа на планирање имаат свои кореспондентски контроли – стратешка и оперативна контрола.

Во рамките на овој труд ќе бидат разгледани неколку контролни механизми, кои можат да се употребат индивидуално или во комбинација во рамките на една организација. Некои се мошне формални, како на пример различни извештаи од пониските нивоа на организацијата до повисоките ниво на организацијата (хиерархиски). Другите се неформални, како што се социјализација или адаптација (аклиматизација), кои ги вградуваат организациските вредности кај членовите и креира еднообразност во одлуките и акциите. Како главните контролни механизми[2] се јавуваат следниве:

- **Контроли на инпутот и аутпутот**

Во употребата на разни контролни механизми, фирмите имаат избор во контролирањето на инпутите, аутпутите или комбинација од двете.

Контролата на инпутите се смета како контрола на однесувањето, каде што очекувањата однапред се соопштуваат на вработените. Потоа, преку лична супервизија и надгледување тие се водат и насочуваат кон остварување на целите. За да се постигне целта, како инструменти се употребуваат казни и награди заради стимулација. Инпут контролата се потпира врз однапред дадени информации што се однесуваат на работата. Најдобро функционира во мали организации каде што ниското ниво на комплексност им овозможува на менаџерите навреме да го идентификуваат бараното однесување. Исто така, инпут контрола повеќе функционира на пониските нива на организацијата, каде што активностите и резултатите се попредвидливи.

Аутпут контрола е ориентирана спрема резултатите и користи импресивни мерки како што се разликите помеѓу очекуваните и остварените резултати. Се потпира врз повратни информации за да се коригираат недостатоците. Аутпут контрола работи успешно во поголемите организации, каде што комплексноста и хетерогеноста на активностите бара стандардни објективни мерки за споредба. Организациите се стремат повеќе да употребуваат аутпут контрола на повисоките нива на хиерархијата, каде што постои повисоко нивото на комплексноста и меѓузависноста меѓу работните задачи.

Аутпут контролните системи се реактивни, додека инпут контролните системи се проактивни. Секако, и двата вида на контролни системи се надополнуваат.

[2] Kamal Fatehi: Managing Internationally, Succeeding in a Culturally Diverse World, Sage Publications, 2008, p.445

- **Ниво на донесување одлуки**

Обично, сите главни стратегиски и значајни одлуки се донесуваат од страна на главните извршни директори. Некои организации можат да дозволат дисперзија околу донесувањето одлуки за други проблеми на менаџерите од пониско ниво. Централизација при донесувањето одлуки е карактеристика за организациите во кои повеќето одлуки се донесуваат од страна на менаџерите од највисоко ниво. Во централизирана мултинационална компанија (МНК), странските супсидијари имаат лимитирана власт околу донесувањето одлуки, а најважните одлуки се донесуваат од седиштата на МНК. Децентрализираните мултинационални компании (МНК) им даваат поголема автономија на нивните странски супсидијари. Централизираните организации применуваат многу поцврста контрола над различни делови од организацијата отколку што тоа го прават децентрализираните организации.

Многу фактори го одредуваат степенот на автономија што им е даден на супсидијарите. Главни фактори се: природата на одлуките што треба да се донесат и нивното влијание на МНК, типот на технологија што се употребува и карактеристиките на производите и индустријата. Во ситуациите каде резултатот од одлуките се однесува само на супсидијарите и домашниот национален пазар, на менаџерите обично им се дава поголема автономија. Во големите, глобално интегрирани организации, донесувањето на одлуките е поцентрализирано така што активностите на различните супсидијари може одблизу да се координираат. Исто така, за најважните прашања, како што се преговарање нови договори со домашните влади, од супсидијарите се бара да се консултираат со седиштето (централата).

Технологиите и карактеристиките на пазарот можат да ја диктираат потребата од поблиска координација помеѓу оделните супсидијари. Кога производите се готови, ценовната конкуренција е норматив во индустријата. Ценовната конкуренција и меѓузависноста бара еднообразност во активностите и координација помеѓу супсидијарите.

Автономијата во донесувањето на одлуки исто така варира во функционалните области. Во една студија од 116 МНК (мултинационални компании) и супсидијари во САД, Велика Британија, Германија, Јапонија и Шведска резултатите покажале дека супсидијарите имаат најголема автономија во личните одлуки а, најниско ниво на автономија во финансиските одлуки..

- **Комуникации и тек на информациите**

Прибирањето информации за организациските извршиувања е стожер во секој контролен систем. За да се одреди способноста за раст на фирмата и релевантноста на нејзината стратегија, мора да се соберат низа податоци внатре и надвор од фирмата. За да се следат извршувањата, разни информа-

ции се разменуваат помеѓу одделните делови на организацијата. Стратегиите, целите и очекувањата се комуницираат од седиштето кон супсидијарите. Податоците околу имплементацијата на стратегиите, остварувањето на целите и информации за пазарот се испраќаат од супсидијатите кон централата (седиштето).

Комуникациите и текот на информациите варира од периодични финансиски и оперативни извештаи до повремени лице во лице состаноци. Телекомуникациската технологија ја прошири способноста на МНК за процесирање на информациите и резултира со движења како кон централизација така и кон децентрализација. Преку телефонот, факсот, електронската пошта и интернетот, седиштата (централите) се во можност да добијат навремени информации од дисперзираните странски операции па дири и далечински да управуваат со опремата и машините. Навремените информации овозможуваат и поголема централизација во процесот на донесување одлуки. На седиштата им е јасно дека се добро информирани и дека имаат потенцијал да преземат поголема контрола ако е тоа потребно. Како резултат на тоа, тие се повеќе подложни за делегирање на авторитет за донесување одлуки на супсидијарите. Од друга страна, кога околностите бараат централизација, седиштата ќе имаат поголема доверба во донесувањето одлуки што ќе бидат спроведени преку операциите на одделните супидијари.

- **Организациска структура**

Организациската структура е еден ефективен контролен механизам, кој се јавува како алатка во имплементирањето на стратегија и рамка што ги регулира и канализира активностите во пропишаните насоки.

Зголемената конкуренција и промената на условите на пазарот бара навремен, хармоничен и еднообразен одговор од различните организациски единици. За да се зголемат организациските способности за соодветен одговор на конкуренцијата и другите пазарни сили, организациите би требало да применат поголема централна контрола.

- **Интегративни механизми**

Различни интегративни механизми се употребуваат за да се контролира и управува меѓузависноста помеѓу различните организациски единици. Позначајни интеграциски механизми се: позиции на врски, корс -одделенски комитети, интегратори и матрична структура[6,7]. Овие механизми формираат

[6,7] P. M. Reill , Sony combines U.S. operations under Scholov. Wall Street Journal p.B1, 1993

еден континуитет од наједноставни до најкомплексни, движејќи се од позиции на врски до матрична структура во зависност од комплексноста. Очигледно, ефективна контрола постои ако се поклопи степенот на меѓузависност помеѓу организациските единици со комплексноста на интегративните механизми. Низок степен на меѓузависност налага употреба на едноставен интегративен механизам, како што се позиците на врски. Покомплексни интегративни механизми, како што е матричната стуктура е соодветен за менаџментот и контролата на висок степен на меѓузависност.

Улогата на врските е да ја зголеми координацијата помеѓу меѓузависните дивизии и да се олесни комуникацијата помеѓу нив. Ако две единици треба да се обратат до повисоко ниво во корпоративната хиерархија за решавање на нивните разлики и подобрување на нивната меѓузависност, врските може да ги заобиколат тие долги линии на комуникација. Улогата на врските е повеќе значајна на пониските или на средно ниво на организација, така што се посоодветни за оперативна контрола.

За решавање на проблемите на контрола и меѓузависност се креираат интеграциските улоги или одделенија кои се создаваат, и чија што задача е да ги оспособи двете единици да работат заедно. Типични називи и позиции се продукт менаџери, програмски менаџери и проект менаџери. Производен менаџерот, на пример може да ги интегрира маркетинг и производните активности на производот помеѓу двете одделни дивизии. Комитетите често се употреба на различни нивоа во една организација за контрола на проблемите со кои другите механизми не можат да се справат. Многу фирми имаат постојани извршни комитети кои управуваат со големи корпоративно стратегиски проблеми на контрола и интеграција.

- **Алокација на ресурсите**

Еден начин на применување контрола е и преку алокација на ресурсите. Со менување на алокацијата на ресурсите помеѓу супсидијарите, мултинационалните компании (МНК) ефективно воспоставуваат контрола над нив. Во некои МНК, правецот на текот на ресурсите се движи од седиштата кон супсидијарите; кај интегрираните МНК текот на ресурсите е повеќенаочен. Влијанието на супсидијарите и нивната автономија во рамките на МНК е во функција на количеството на ресурсите кои ги обезбедуваат за останите делови од МНК.

Буџетскиот систем е алокација на ресурсите помеѓу разни организациски делови на основа на сегашните потреби, изминатите извршувања и проекцијата на идните потреби. Буџетите се стандарди според кои се мерат

J. R. Galbration, Organization design : An information processing view . Interface 4,28, 1997, p -36

вистинските остварувања. Организациите употребуваат различни буџети, како на пример буџет за капитални трошоци, буџет за маркетинг и промоции и буџет за истражување и развој, за следење и контрола на важните активности и функции.

Со буџетскиот систем, МНК не само што ги следат активностите на супсидијарите туку и воспоставуваат приоритети што се одразуваат на корпоративната стратегија. Зголемувањето или намалувањето на буџетот претставува ефикасен начин да се диктира правецот на развојот и прогресот на супсидијарите. Најлесните и најочигледни централизирачки одлуки се оние кои се однесуваат на финансиите. Преку буџетскиот систем, повеќето од активностите на субсидијарите се објаснети во финансиските извештаи и се на располагање за подетален надзор.

Различните контролни механизми употребени од страна на домашните организации се применливи во мултинационалните корпорации. Разновидноста на меѓународното окружување, сепак, придонесува до тешкотии во примена на овие контроли. Ефективна контрола на мултинационалните применува формални, неформални, директни и индиректни механизми за одговори посебно на секој супсидијар при спроведувањето на целосната стратегија на мултинационалнта корпорација.

Заклучок

Ефективниот контролен систем е потребен за успешно да се управува со организацијата. Во мултинеационалните компании контролата е многу покомплексна за разлика од домашните бизниси.

Напоменато е дека организациската контрола се однесува на процесот на следење и оценување на ефективноста на организациското извршување и преземање корективни мерки кога извршувњето е под поставените стандардите. Постоја четири чекори на контрола:

1. Да се согледаат очекуваните резултати и да се одредат стандардите спрема кои организациските активности и извршувањата ќе бидат мерени;
2. Да се следат и да се собираат информации за организациските активности што се стремат кон остварување на поставените цели;
3. Оценување на организациското извршување и резултатите на ефективноста;
4. Да се направи неопходна промена со цел да се коригираат недостатоците за време и после имплементацијата на стратегијата.

Разгледани се формалните и неформалните контролни механизми, со посебен осврт на главни контролни механизми:

Конторла на инпутот и аутпутот - Контролата на инпутот се смета како контрола на однесувањето, каде што очекувањата се соопштуваат на вработените однапред. Аутпут контролата е ориентирана спрема резултатите и користи импресивни мерки како на пример, разликите помеѓу очекуваните и остварените резултати.

Нивото на донесување на одлуки - каде сите главни стратегиски и значајни одлуки се донесуваат од страна на главните извршните директори. Централизацијата е карактеристика за организациите во кои повеќето одлуки се донесуваат од страна на менаџерите од највисокото ниво. Додека децентрализираните МНК делегираат поголема автономија на нивните странски супсидијари.

Комуникациите и текот на информациите се однесуваат на формалните извештаи и неформални комуникации.

Организацискатa структура е ефективен контролен механизам, алатка за имплементирање на стратегијата и рамките во која што се канализираат активностите во прпишаните насоки.

Интегративните механизми се: позиција на врска , корс-одделенски комитети , интегратиори и матрична структура.

Алокација на ресурсите, - со менување на алокацијата на ресурсите помеѓу супсидијарите, мултинационалните компании (МНК) ефективно воспоставуваат контрола над нив.

CONTROL MECHANISMS IN MULTINATIONAL CORPORATIONS

Summary

An effective control system is needed to manage an organization successfully. In MNCs, control is a much more complex and demanding issue than it is in a domestic business. An effective MNC control system should allow for local adaptability and responsiveness to the host country environment. A challenging task for MNC top management is to build a control system that is beneficial to individual subsidiaries as well. Subsidiaries' interests are not totally abandoned in favor of promoting corporate objectives, the strategy process will be

considered to be fairer. This, in turn, provides greater incentive for compliance by the subsidiary and makes corporate control much easier.

Various control mechanisms used by domestic firms are applicable to MNCs. The diversity of the international environment, however, makes it more difficult to apply these controls. Effective MNC control employs a combinations of formal, informal, direct, and indirect mechanisms to account for the uniqueness of each subsidiary while addressing the total MNC strategic.

Key words: Control, Control Mechanisms, Input and Output Controls, Locus of Decision Making, Communication and Information Flow, Organizational Structure, Integrative Mechanisms, Resource Allocation

Литература

1. д-р Бобек Шуклев, Менаџмент, 5 издание 2008
2. Philippe Lasserre: Global Strategic Management, Second edition, Palgrave Macmillan, 2007
3. Kamal Fatehi: Managing Internationally, Succeeding in a Culturally Diverse World, Sage Publications, 2008
4. Fred Luthans, Jonathan P. Doh: International Management, Culture, Strategy and Behavior, Seventh Edition, McGraw-Hill, 2008
5. Christopher Barlett, Sumantra Choshal, Paul Beamish: Transnational Management, Text, Cases, and Readings in Cross-Border Management, Fifth edition, McGraw-Hill, 2008
6. Gareth R.Jones: Organizational Theory, design and change, fifth edition, Pearson Prentice Hall, 2007
7. Ricky W. Griffin , Michael W. Pustay: International Business: Managerial Perspective, Third Edition, Prentice Hall, 2003
8. Barney, Hesterly: Strategic management and competitive advantage, concepts and cases, second edition, Pearson Prentice Hall, 2008
9. Thomas L.Wheelen, J.David Hunger : Strategic management and business policy, eleventh edition, Pearson Prentice Hall, 2008

334.722 : 001.895

Помлад асс. **Сашо НЕФОВСКИ**

ИНОВАЦИИТЕ ВО ФУНКЦИЈА НА РАЗВОЈ НА БИЗНИСОТ

Апстракт

Иновациите се производ на креативниот ум. Конкуренцијата како фактор кој влијае на успешноста на функционирање на компаниите, истовремено преставува и силен притисок за компаниите да иновираат. Економијата на денешницата станува се посурова за некреативните. Денес, пазарот бара од компаниите да нудат производи кои максимално ќе ги исполнуваат потрошувачките очекувања. Секој успех на компанијата е најчесто резултат на иновациите.

Самото иновирање претставува долга и макотрпна процедура од генерирање на идеите, нивна селекција па се до реализацијата на најдобрите. Секогаш компанијата треба да биде крајно прагматична за да ја одбере иновацијата која има реални можности за да го зголеми профитот.

Конечно, токму иновациите се факторот кој ја придвижува конкурентноста, фактор кој создава интересен пазар, со бескрајно интересна понуда.

Клучни зборови: *иновации, прептприемништво, креативност*

Вовед

Современото претприемништво се појавува како динамична развојна комбинација на идеја, талент, капитал, знаење и ризик. Ова е нов социокултурен феномен кој овозможува создавање на способни луѓе во економската сфера. Во тој контекст, и суштината на претприемништвото е човечкиот капитал, затоа што во реалноста секој човек е потенцијален претприемач. Неговата успешност или неуспешност, покрај неговата индивидуална способност и работна среќа, првенствено ќе зависи од неговото окружување (општеството) и делокругот (претпријатието).


Доколку поединецот живее и работи во систем кој овозможува и стимулира човечки креативни дејности, тогаш се возможни претприемничката афирмација и успешната работа на долг рок многу повеќе отколку во системи каде тоа не е случај. Ако до сега се живеело во систем кој не стимулирал претприемнишво, треба да се најде влез во период на развивање на пазарна економија која по своите основни карактеристики ќе биде претприемничка економија. Тоа подразбира изградба на инфраструктура за поддршка на широкото претприемничко окручување.

Потребата за креативно-иновациски активности и иновирање е трајна. Тоа е услов за економска успешност и развој на современо претпријатие.

1. ДЕФИНИРАЊЕ НА КРЕАТИВНОСТ И ИНОВАЦИЈА

Во секојдневниот говор, креативноста и иновацијата се поими кои често се користат како синоними. Меѓутоа, тоа се два поими кои сепак се разликуваат и затоа е потребно попрецизно да бидат објаснети.

Слика1. Процес на производна иновација



Извор: Адаптирано според Deželjin J., *Poduzetnički menadžment*, M.E.P. CONSULT, Загреб, 2002, стр. 145

Креативноста е создавање на нова идеја, независно од нејзините евентуални применливости. Иновацијата претставува трансформација на новите идеи во (корисни) производи или услуги[1]. Креативноста, во суштина е подлога за

[1] Deželjin J., *Poduzetnički menadžment*, M.E.P. CONSULT, Загреб, 2002, стр. 145

иновациите, а иновациите се резултат на применети креативности. Секоја креативна идеја не мора да постане иновација, но не постојат иновации без креативности. Постои едно правило кое вели дека генијалноста претставува еден отсто инспирација и деведесет и девет отсто работа. За создавање на иновации е потребно да се биде подготвен и многу да се работи.

Доброто дефинирање на проблемот често значи половина решение. Не е доволно иноваторот само да има широко отворени очи, ако не знае што во суштина бара. Проблемот обично се појавува истовремено со можноста за негово решавање. Пронаоѓањето на проблемот често е еднакво важно како и решавањето на проблемот.

Во дефинирањето на проблемот помага разбирањето на целите кои се сака да бидат постигнати со неговото решавање. Тоа помага да се согледаат чинителите кои го отежнуваат или онеовозможуваат, односно кои влијаат во олеснување на остварувањето на целите. Целта во поставувањето на прашања и истражување на проблемот, односно неговата околина е во тоа да се дојде до што повеќе релевантни информации. Таа фаза содржи најмногу работа и напор.

Личноста која се соочува со некој проблем, ако сака креативно да ги реши мора му се препушти во целост, со сиот интелектуален потенцијал. Било каква затвореност, тврдоглавост, крутост или други облици на инхибиција го отежнуваат квалитетното собирање на информации и ќе предизвикаат некои важни фактори да не бидат земени во предвид. Креативното решавање на проблемот понекогаш затоа се претвора во права опсесија. Тоа би значело дека цело време се „живее“ со проблемот, постои идентификација со истиот и неговото решавање прераснува во предизвик.

Резултатите сами по себе не значат многу, важно е нивното поврзување во нови, по можност оригинални идеи.

1.1 Иновации, промени во технологијата и конкуренција

Технологијата ја сочинуваат вештините, знаењето, искуството, корпусот технолошки познавања, алатите, машините, компјутерите и опремата што се користат во дизајнот, производството и пласманот на стоките и услугите. Технологијата е вклучена во сите организациони активности, а брзите промените во технологијата придонесуваат тие да бидат значаен чинител во речиси секоја технолошка иновација. Постојат два типа технолошки промени: скоковити и постепени. Скоковите технолошка промена претставува темелен пресврт во технологијата што резултира со изнаоѓање на нови видови стоки и услуги. Два понови примери се развојот на Интернетот, што ја револуционаризира компјутерската индустрија, и

развојот на генетскиот инженеринг (биотехнологијата), што ветува револуција во лекувањето на заболувањата преку развојот на лекови по пат на генетски инженеринг. Постепените технолошки промени резултираат со технолошки развој што ја усовршува постојната технологија и води кон постепени промени или подобрувања на производот. Од 1971 на пример, Intel изврши серија на постепени подобрувања на својот првобитен 4004 микропроцесор, што доведе и до воведување на чиповите 8088, 8086, 286,386, 486 и на крај, Pentium.

Производите што се резултат на скоковити технолошки промени се нарекуваат скоковити иновации на производот и се релативно ретки. Во повеќето организации менаџерите најголем дел од своето време го минуваат во менаџментот на производи што се резултат на постепени технолошки промени, те. на **постепени** производни иновации. Секогаш кога инженерите во некоја фабрика за автомобили го редизајнираат постоечкиот модел, или пак кога менаџерите во Starbucks се обидуваат да го подобрат вкусот на кафето, тие се вклучени во процесот на развој на производот што има за цел да доведе до постепена производна иновација. Тоа што постепената производна иновација е помалку забележлива од скоковите што не значи и дека постепените производни иновации се и помалку важни. Всушност, често се случува успехот или неуспехот на некоја индустриска гранка да зависи од способноста на менаџерите успешно да управува со постепениот развој на производот.

1.2 Креативно – иновациски активности

J.A. Schumpeter е меѓу првите кои со поимот претприемач ги врзува иновациите како негов важен елемент. Според него, претприемачот е придвижувач на промените и развојот, носител на иновацијата. Тој и не мора изворно сам да биде иноватор, но одлучувачки е, како и што подобро да се искористи иновацијата и да се оствари нејзината цел – зголемување на конкурентноста, намалување на ризикот, влијаење на куповната моќ на потрошувачите, да ги открива и порационално да ги користи економските потенцијали.

P. Drucker[2] го прифаќа гледиштето на Schumpeter за иновативен претприемач, развивајќи понатаму и негова мисла, па претприемништвото, креативноста и иновативноста ги врзува и со менаџерите и со претприемачите. Ова најмногу се покажало во пракса во 80-ти години на XX век, кога под влијание на големите промени на стопанското окружување, функцијата претприемништво и менаџмент се испреплетуваат до таа мера што создаваат нова форма на претприемнички менаџмент, на која во поново

[2] Drucker P., *Inovacije i preduzetništvo*, Privredni pregled, Белград, 1991, стр. 55

време и се додаваат и атрибутите креативност и иновации. Тие треба да имаат одредени наклонетости, знаење и способност врзани со креативно-иновативниот труд. Најважните карактеристики на ваквиот менаџмент се[3]:

- свест за вложувањето и значењето на креативно-иновацискатa активност за успешност и развој на претпријатието во информациско општество, во услови на пазарна економија и се поголема дематеријализација на стопанската дејност, вклучувајќи ја и производната;
- способност за препознавање на креативни луѓе и иноватори во претпријатието и неговото поблиско окружување, како и подготвеност истите да се привлечат, мотивираат и стимулираат;
- подготвеност за осигурување на перманентво образование и усовршување на сите вработени во претпријатието, а особено креаторите и иноваторите, со цел креативно иновациските активности, директно или посредно, да ги опфатат што пошироките слоеви на работници;
- способност за делување во насока на создавање на што поповолна клима во претпријатието во корист на развој и успешност на креативно-иновациските активности;
- способност за целокупно организирање, усмерување, погледнување и водење т.е. координација на креативно-иновациските активности низ воспоставување на соработнички односи;
- способност за правилно расудување на резултатите од креативно-иновациските активности во границите на своите права и одговорности;
- способност за одобрување на примена на иновацијата во правиот момент; систематско следење на светските иновативни текови и проценување на степенот на острошеност на производот или друго добро;
- непрестана заложба за остварување на целите на креативно-иновациските активности во претпријатието и што поголемо остварување на целта целокупното претпријатие да стане креативно и иновативно.

Иновацијата не е опиплива како другите облици на капиталот; таа е креација на духот, нематеријални карактеристики втемелени во материјани и нематеријални добра.

Една применета иновација се проширува, ја користат и други во ист облик или ја надоградуваат. Иновацијата, нејзиниот изворен пронаоѓач и нејзиното применување ја постигнува задачата за која е создадена, се додека некоја нова иновација не ја потисне нејзината употребна вредност кога ја губи и конкурентноста. Во суштина, тоа ја наметнува потребата од

[3] Pulić A., *Informacijsko društvo i ekonomija*, Privredni vjesnik, Загреб, 1992, стр.150

перманентни креативно-иновативни активности и иновирање како услов за трајна економска успешност и развој на претпријатието. Ширењето на иновациите денес стануваат стил на однесување на успешните претпријатија, „вистинско уништување“ на неинвентивната конкуренција. Компанијата е секогаш принудена да биде постојано иновативна. Вистински да произведува иновации кои се привлечни за сите фактори на пазарот.

Најдобриот гарант за успехот на претпријатието се претприемачкиот дух и иновациите, а посебно оние кои се темелат на научно знаење.

Креативно-иновативната активност во претпријатијата денес вообичаено се доверува на одговорен тим кој се состои од креатори, експерти од различни области и функционални раководители кои се главни раководители на претпријатието, или пак е тоа одговорна личност која тие ја именуваат и која директно им одговара[4].

Од посебна важност е одбирањето на членови на тимот, како и координатор на тимот, јасната дефиниција на целите на тимот, тие цели и задача на иновацијата, но и метод на на водење на тимот и односите кои се воспоставуваат помеѓу членовите на тимот, членовите и координаторот. Тоа може да биде само однос на рамноправност и соработка. Сите членови на тимот е потребно да бидат добро мотивирани за работа и праведно наградени за резултатите од работењето. Своите цели и интереси треба да ги гледаат во остварување на целите и интересите на претпријатието како целина и да бидат преокупирани со промените во смисла на пронаоѓање на новости.

Без оглед во која област е насочен, креативно-иновативниот процес секогаш екипира луѓе од сите сектори во претпријатието. Најмногу се мисли на истражувачко-развоен, кадровски, маркетиншки, финансиски и информативен сектор или служба во претпријатието.

Така, истражувачко-развојната служба придонесува за правилен избор на технолошки, организациони и останати сознанија со што би се утврдила правилната насока и правилните цели на креативно-иновативниот процес.

Службата за човечки ресурси треба да придонесе во одбирањето на соодветни луѓе во тимот, да овозможи стекнување на неопходно знаење и вештини за членовите од тимот, пронаоѓање на ефикасни инструменти за мотивирање, стимулирање, наградување и т.н.

Службата за маркетинг треба да ги истражи побарувањата за нови производи и/или услуги на пазарот, потенцијалните купувачи и нивната платежна моќ, да ги пронајде најдобрите начини за продажба и промоција, дистрибутивни канали, сервисирање на производите и т.н.

[4] Stanković F., Vukmirović N., *Preduzetništvo*, Matica Srpska, Нови Сад, 1995. стр. 113

Финансиската служба треба да осигура соодветни извори на финансирање за креативно-иновацискиот процес, навремен доток на средства со помош на кои би се обезбедил непрекинато работење и да се избегне застој на проесот.

Информациониот систем обезбедува информации за сите чинители, околности и останато што е релевантно за креативно-иновацискиот процес вклучувајќи ги и информациите за потребите на одредени промени. При тоа не треба да се изедначат знаењето со информациите.

Одлуките за иновација се донесуваат во повеќе фази, а опфаќаат: идеи, селекција на идеите и селекција на решенија; исто така, реализација на иновацијата, постапки и чекори во целокупниот креативно-иновацискиот процес. При тоа, претпријатието потребно е да се придржува на три одлучувачки критериуми: степен на новости, степен на активности и можности на апликацијата.

Во суштина, креативците и иноваторите, по правило се луѓе со немирен дух, не сакаат претерана работа, дисциплина, крута структура и застој, а работниот процес бара почитување на одреден ред, правила на однесување и дисциплина. Иноваторот е заинтересиран иновацијата што побрзо да се примени, не базирајќи се доволно на нејзината економска задача. Претприемничкиот менаџер, напротив, мора да го одбере вистинскиот момент, кога иновацијата ќе се примени, истата да оствари што поголем економски профит. Иноваторот неретко настојува постоечката иновација да биде заменета со нова, додека првата сеуште не е застарена. Претприемничкиот менаџер пак, не смее да допушти да застане креативно-иновацискаата работа, а во исто време мора да обезбеди економска исплатливост од иновацијата.

1.3 Иновирање

Кога менаџерите се одлучуваат на иновирање, добро е да знаат кои се потребните чекори за правилно менаџирање на тој процес. Во продолжение се наведени некои препораки кои се добра основа за самиот процес на иновирање[5]:

1. Суштината на развој на нови производи се сведува на задоволување на идните потреби на потрошувачите со производи што поседуваат нови и нетестирани карактеристики.

2. Затоа што иднината е непредвидлива, менаџерите мора да се обидат да бидат што поуспешни со тоа што ќе ги следат принципи на развој на производите.

[5] http://innovationinpractice.typepad.com/

3. Менаџерите исто така мора да ги поттикнуваат вработените да ризикуваат и бидат иновативни, како и да развијат таква структура и култура што ќе го поддржува интерното претприемаштво.

4. Треба да постои свест дека во новиот век ќе просперираат само оние организации што ќе бидат успешни во развојот на новите производи.

Во литературата се наведуваат следните критериуми кои треба да ги поседуваат луѓето кои припаѓаат на иновациските тимови[6]:

- ✓ Луѓе кои се дивергентни мислители, но и луѓе кои се конвергентни мислители;
- ✓ Поаналитични но и покреативни луѓе;
- ✓ Луѓе што се блиску до раководството, но и луѓе кои работат далекуод него;
- ✓ Помлади, но и постари луѓе;
- ✓ Луѓе што имаат многу искуство, но и луѓе со бујна имагинација;
- ✓ Луѓе што се разбираат од технологијата, но и луѓе што ги разбираат луѓето;
- ✓ Луѓе од фирмата, но и луѓе однадвор.

2. ЦЕЛИ НА ИНОВАЦИЈАТА

Целта, општо речено, претставува разложување на настанувањето или опстанокот на некои работи, или некои делувања, или постигнување на одредени цели. Целта на иновациите во претприемништвото е промена на состојбата, придвижување, постапка, трошоци на производите и услугите, знаење и способности на луѓето преку сопствените работни делувања да се постигнат економски, социјални и останати цели. Иновациите, во суштина имаат за цел да ги менуваат потенцијалите за создавање на богатство, вложувајќи во ресурси на нови својства и способности, отварајќи нови делувања, нова моќ и нови воспоставени вредности, со што ресурсите кои не се тоа, би се претвориле во вистински ресурси[7].

[6] Гибсон Р., Скарзински П., *Иновација до корен*, Паблишер, Скопје, 2009, стр. 54
[7] Peters T., Waterman, R., In search of excellence, New York, Warner Books, 1982, стр.81

2.1. Брзина на технолошките промени

Брзината на технолошките промени во една индустрија, а особено должината на животниот циклус на производот – за менаџерите ја означува и важноста на иновирањето.

Една од главните детерминанти за должината на животниот циклус на производот е брзината на технолошките промени. Во некои индустрии – како на пример во производството на персонални компјутери, полупроводници и дискетни единици – технолошките промени се брзи и животниот циклус на производот е мошне кус. Во автомобилската индустрија, на пример, просечниот животен циклус на производот изнесува околу пет години. Животниот циклус на автомобилот е толку кус затоа што значително брзите технолошки промени резултираат со постојан дотек на постепени технолошки промени во дизајнот на автомобилите, како што се воведувањето на воздушни перници на вратите, усовршените електронски микроконтроли, пластичните делови и моторите со подобро искористување на горивото. Наспроти ова, во голем број базични индустрии каде што ритамот на технолошки промени е побавен, постои тенденција за многу подолг животен циклус на производите. Во производството на челикот или електроиндустријата, на пример, промените во производната технологија се многу ограничени, а производите како челичните носачи или електричните кабли можат да останат во зрелата фаза неограничено време.

2.2. Улогата на трендовите и модата

Трендовите и модата се важни детерминанти во должината на животиот циклус на производот. Модел на автомобил стар пет години најверојатно технолошки ќе биде надминат и ќе изгледа застарено, така што веќе нема да биде привлечен за купувачите. На сличен начин, во ресторанскиот бизнис побарувачката зо одредени видови храна се менува многу брзо. Модата како фактор е уште поважна во високата мода како дел од текстилната индустрија, каде што минатогодишната модна линија веќе следната сезона не е модерна, а животниот циклус на производот може да трае и само три месеци. На тој начин, модата и трендовите се уште една причина која може да го скуси животниот циклус на производот.

3. РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДОТ

Чекорите што менаџерите можат да ги преземат за промовирање на иновации и поттикнување на развојот на производите се[8]: целите на развојот на производот; одредени принципи што треба да се следат во водењето и забрзувањето на процесот на развојот на производот и, одредени проблеми што се поврзани со успешен менаџмент на развојот на производот.

3.1. Цели во развојот на производот

Кога менаџерите и организациите ќе се соочат со дилемата дали да ги иновираат своите производи или да го напуштат бизнисот, потребно е да се дефинира кои цели треба да ги постават доколку се решат да ги развиваат своите производи.

Повеќето научници и консултанти им препорачуваат на менаџерите да си постават за цел да го намалат периодот потребен за развојот на производот, максимално да го прилагодат производот кон потребите на потрошувачот, максимално да го подобрат квалитетот и максимално да ја подобрат мануфактурноста, односно ефикасноста и едноставноста на производството (слика 3.).

✓ ***Намален развоен период*** **-** Развојниот период на производот е периодот што изминува од првичното осмислување на производот до неговото воведување на пазарот. Намалувањето на развојниот период нуди три значајни предности. Како прво, оној менаџерски тим што ќе го намали развојниот период веројатно ќе биде и првиот што ќе пласира на пазарот производ што во себе ќе содржи нови и најсовремени карактеристики. Таквите менаџери ќе можат да одредат висока цена за производот и ќе обезбедат голем профит. На меѓународен пазар, токму оваа предност е причината што менаџерите во Intel вложуваат толкав труд да го намалат времето потребно за развивање на нов микропроцесор. Наспроти ова, оние менаџери што бавно воведуваат нови производи ќе мораат да одредуваат пониски цени за да го одвлечат вниманието на потрошувачите од „брзите“ менаџери. Втората предност на намалувањето на развојниот период на производот е во тоа што менаџерите што знаат како да го скусат овој период можат релативно брзо да ги усовршат производите и во нив да ја вградат најновата технологија штом таа ќе се појави. Оние менаџери што имаат поусовршени производи можат подобро да ги задоволат потребите на потрошувачите. Третата предност во намалувањето на развојниот период се

[8] Извор: Gareth R. Jones, Jennifer M. George, Charles W.L. Hill, *Contemporary Management - second edition*, McGraw-Hill, Boston, 2000, стр. 451

состои во тоа што на менаџерите им е полесно да експериментираат со новите производи и да ги заменат со подобар производ доколку се покаже дека претходниот модел не ги задоволувал потребите на потрошувачите. Од овие причини, намалувањето на развојниот период станува клучен приоритет за менаџерите кога е во прашање конкуренцијата.

Слика 3. Четирите цели во развојот на новиот производ



Извор: Gareth R. Jones, Jennifer M. George, Charles W.L. Hill, *Contemporary Management - second edition*, McGraw-Hill, Boston, 2000, стр. 450

Максимално задоволување на потребите на потрошувачот **-** Многу нови производи пропаѓаат на пазарот затоа што биле дизајнирани без да се имаат предвид потребите на потрошувачот. Максималното усогласување на својствата на производот со потребите на потрошувчите е еден од главните елементи за успешниот развој на производот. Колку и да изгледа чудно, една од причините што многу менаџери не успеваат да утврдат дали некоја технолошка новина всушност ќе ги задоволи потребите на потрошувачоте е тоа што тие самите се заслепени од истата таа технологија.

Максимален квалитет на производот **-** Лошиот квалитет е често резултат на избрзаното пласирање на производот на пазарот од страна на менаџерите што се обидуваат да го скусат развојниот период. Развојниот период е важен, но подеднакво важен е и квалитетот. Доколку за

остварување на целите што ги овозможува подобрениот развоен период се доаѓа преку производи со слаб квалитет, тогаш тоа може да биде и на штета на компанијата.

Максимална ефикасност и едноставност во производството - Производниот процес што се применува во изработката на еден производ може или да го скуси или пак да го продолжи развојниот период, а со тоа да создаде производ со ниска или висока производна цена, што влијае на ефикасноста.

3.2. Принципите на развојот на производот

Како можат менаџерите да ја зголемат способноста на својата организација да иновираат нови стоки и услуги и на тој начин да ја зголемат нејзината конкурентност? Подолу се објаснети неколку начини преку кои менаџерите можат да го организираат и контролираат процесот на развојот на производот со цел да се намали времето на развојот, да се постигне максимумот во задоволувањето на потребите на потрошувачот, максимален квалитет и максимална мануфактурабилност и ефикасност[9].


Принцип бр.1: Воведување развоен канал со порти и фази

Една од најчестите грешки што ја прават менаџерите во развојот на производот е тоа што се обидуваат да обезбедат средства за премногу нови проекти во исто време. Ова резултира со разводнувањето на ограничените финансиски, технички и човечки ресурси на преголем број проекти. Со оглед на овој потенцијален проблем, постои потреба менаџерите да создадат еден структуриран процес за проценка на предлозите за развој на производот и донесување одлука кои од тие предлози треба да се поддржи, а што да се отфрли. Најчесто решение е да се воспостави **развоен канал**, плански модел што ги принудува менаџерите да направат избор меѓу понудените проекти (слика 4). Во Фаза 1 развојниот канал има широк отвор, така што главните менаџери можат во почетокот да ги поттикнуваат вработените да понудат што поголем број производни идеи. Идеите може да ги претстават и поединци и групи. Brainstorming (колективно разгледување/решавање на некој проблем) е техника која менаџерите често ја применуваат за да ги поттикнат вработените да дојдат до нови идеи. Идеите за нови производи се поднесуваат во писмена форма како куси предлози. Предлозите се поднесуваат до менаџерски тим составен од различни специјалисти што ги

[9] Извор: Gareth R. Jones, Jennifer M. George, Charles W.L. Hill, *Contemporary Management - second edition*, McGraw-Hill, Boston, 2000, стр. 453

оценуваат на првата порта. Тимот проценува колку предлогот соодветствува на стратегијата на организацијата и колку е технички остварлив. Оние предлози што соодветствуваат на стратегијата на организацијата и за што ќе се процени дека можат технички да се реализираат поминуваат низ првата порта и влегуваат во фазата 2. Другите предлози се одбиваат. Главната цел во Фаза 2 е изработката на детален **план за развој на производот** кој ги содржи сите битни податоци што им се потребни на менаџерите за да донесат одлука дали да започнат со развојот на производот со полн капацитет. Овој план треба да ги содржи стратегиските и финасиските цели, анализата на пазарниот потенцијалот на производот, списокот на саканите карактеристики на производот, списокот на технолошките барања, списокот на финасиските потреби и потреби од човечки ресурси, деталниот развоен буџет и утврдените рокови со прецизирани важни датуми.

Слика 4. Развоен канал со порти и фази



Извор: Gareth R. Jones, Jennifer M. George, Charles W.L. Hill, *Contemporary Management - second edition*, McGraw-Hill, Boston, 2000, стр. 454

Откако планот ќе се изработи, го разгледува повисока менаџерска комисија на Влез 2. Овие менаџери се сконцентрираат врз деталите изнесени во планот за да утврдат дали предлогот е интересен (за самиот пазар) и остварлив (во поглед на технолошките, финасиските и човечките ресурси што би биле потребни за да се развие производот). На портата 2, проектите се одбиваат, враќаат на ревизија или одобруваат за премин во фаза 3, односно фазата на развојот. Развојот на производот почнува со оформувањето на специјалистички менаџерски тим за соработка чие главно задолжение е развој на производот. Фаза 3 од развојниот проект може да трае од шест месеци па дури и до десет години, во зависност од индустријата

и видот на производот. Некои електронски производи имаат развојни циклуси од шест месеци, но за да се развие нов автомобил потребни се од три до пет години, околу пет години да се развие нов млазен авион, а дури десет години да се добие нов лек.

Принцип 2: Создавање специјалистички тимови за соработка

Специјалистичкиот тим за соработка се користи поради тоа што еден ваков тим обезбедува високо ниво на координација и комуникација меѓу менаџерите што се на различни работни места, а ова, пак, ја зголемува кохезијата во групата и нејзините перформанси. Доколку еден ваков тим сака да успее, мора да има и вистинско раководство и со него мора да се управува на ефикасен начин. Ако сака да биде успешен, развојниот тим треба да има лидер (раководител) што ќе умее да се издигне над својата потесна специјалност и ќе знае како да ги согледува нештата од перспектива на меѓусебна соработка.

Принцип бр. 3: Вклучување на потрошувачите и добавувачите

Многу нови производи пропаѓаат на пазарот затоа што при нивното дизајнирање не било посветено доволно внимание на потребите на потрошувачите. Успешниот развој на производот бара добивање податоци и од потрошувачите и од снабдувачите.

4. ИНОВАЦИЈАТА КАКО ДВИГАТЕЛ НА ЕКОНОМСКИОТ РАСТ

Постои широк аргумент дека иновацијата и претприемаштвото се двигателите на долгорочниот економски пораст. Оние кои го даваат овој аргумент широко ја дефинираат иновацијата, не само да ги вклучи новите производи, туку исто така и новите процеси, новите организации, новите менаџмент-практики и новите стратегии. Честопати, претприемачите најпрво ги комерцијализираат иновативните нови производи и процеси и претприемаштвото овозможува побрза динамика во економијата. На пример, високото ниво на активности во претприемаштвото многу придонесе на економијата на САД, што резултираше во иновација на производи и процеси. Компаниите како "Сиско системи" (Cisco Systems), "Дел компјутер корпорација" (Dell Computer Corporation), "Мајкрософт" и "Оракл" (Oracle) беа основани од поединци-претприемачи за да ги искористат напредоците во технологијата и сите овие компании создадоа значителна економска вредност со помагање да се комерцијализираат иновациите на производи и процеси.

За иновација и претприемаштво е потребна пазарна економија. Се смета дека економската слобода поврзана со пазарната економија создава поголеми поттикнувања за иновација и претприемаштво отколку планираната или мешаната економија. Во пазарната економија, кој било поединец кој има иновативна идеја може да заработи од таа идеја со почнување на бизнис (со вклучување во претприемаштво).

За деловното опкружување да поттикнува иновација, претприемаштво, а со тоа и економски пораст, потребна е цврста законска заштита на сопственички права. И на поединците и на бизнисите мора да им се даде можност да профитираат од иновативните идеи. Без цврста заштита на сопственичките права, бизнисите и поединците ризикуваат профитот од своите иновативните идеи да биде експроприран, или од страна на криминални елементи или од страна на државата.

Случајните настани, како што се големи иновации, може да ја преобликуваат структурата на индустријата и да обезбедат можност за фирмите на една нација да ги истиснат другите. Владата, со сопствениот избор на политичкиот курс, може да ја одвлече или подобри националната предност. На пример, прописите може да ги променат условите на домашна побарувачка, антитрустовската политика може да влијае врз интензитетот на ривалството во една индустрија и владините инвестиции во образованието може да ги променат факторите на природни предности.

Од особена важност е правовремената поддршка на интрапретприемништво, карактеристично за поголемите претпријатија, каде иницијативите на поединците пронаоѓачи, иноватори треба нужно да се поддржуваат. Нивната поддршка обезбедува развој на големите системи во технолошка и економска смисла, а преку нивната соработка и партнерство со малите, нови стопански субјекти, се обезбедува економски развој на земјата. Големите системи/претпријатија имаат развојни и истра‘увачки центри кои нужно треба да се развиваат и поддржуваат, како центри што може да им помагаат и да им даваат разни услиги и на малите и иновативни приватни претпријатија.

Европската повелба за мали претпријатија[10], недвосмислено ги истакнува залагањата на ЕУ за прифаќање на малите претпријатија како стожер на европската економија и како главен двигател за иновациите, вработувањето, едновремено и за социјалното и локално интегрирање во Европа.

[10] The European Charter for Small Enterprises, European Comission, Endorsed by the Member States at the Feira Eurropean Council on 19 and 20 June 2000.

Националната стратегија за развој на малите и средни претпријатија, усвоена во јули 2002 година од Владата на Република Македонија, содржи мерки и инструменти за поддршка на развојот на овој сектор од националната економија, како многу битен развоен елемент.

Заклучок

Во оваа семинарска работа е изработена анализа на значењето на иновациите во развојот на малите и големите претпријатија.

Може да се заклучи дека иновациите во минатото имаат значајна улога во развојот на успешна компанија, а во современите услови нивното значење е од пресудно значење. Бројни научни истражувања укажуваат на фактот дека успешни би биле само оние компании кои се фокусираат на имплементацијата на иновации. Најуспешните се оние производи или услуги кои на пазарот претставуваат иновација.

Иновирањето како процес бара формирање на соодветен иновативен тим кој би генерирал идеи за можни иновативни решенија, како и нивно филтрирање и одбирање на најдобрата идеја во која целиот тим целосно би се посветил. Може да се заклучи дека за реализацијата на самиот иновативен производ е потребен тим на инжинери, млади и современи иноватори, универзитетски професори и други експерти од одредени области. Пред да се започне производниот процес на иновацијата неопходно е истражување на мислењето на потрошувачите. Тие се најдобриот одговор за тоа дали иновацијата би успеала и дали фали на пазарот.

Summary

The need for creative-innovative activies and innovation in general is permanent. That is the condition for economic successfulness and development of the modern enterprise. Enterpreneurial ideas and innovations, when successfuly introduced to the market, are the essence of modern entrepreneurship.

In the organizational context, innovation may be linked to performance and growth through mprovements in efficiency, productivity, quality, competitive positioning, market share, etc. In business, innovation can be easily distinguished from invention. Invention is the conversion of cash into ideas. Innovation is the conversion of ideas into cash.

However, a consistent theme may be identified: innovation is typically understood as the successful introduction of something new and useful, for example introducing new methods, techniques, or practices or new or altered products and services.

Литература

1. Pulić A., *Informacijsko društvo i ekonomija*, Privredni vjesnik, Загреб, 1992
2. Деželjin J., *Poduzetnički menadžment*, M.E.P. CONSULT, Загреб, 2002
3. Drucker P., *Inovacije i preduzetništvo*, Privredni pregled, Белград, 1991
4. Gareth R. Jones, Jennifer M. George, Charles W.L. Hill, *Contemporary Management - second edition*, McGraw-Hill, Boston
5. Гибсон Р., Скарзински П., *Иновација до корен*, Паблишер, Скопје, 2009
6. http://innovationinpractice.typepad.com/
7. James C. S. Meng, Edward B. Roberts, Understanding Barriers to Innovation and Intrapreneurship in an R&D Organization, The International Center for Research on the Management of Technology, Cambridge
8. Peters T., Waterman, R., In search of excellence, New York, Warner Books, 1982
9. Stanković F., Vukmirović N., *Preduzetništvo*, Matica Srpska, Нови Сад, 1995
10. The European Charter for Small Enterprises, European Comission, Endorsed by the Member States at the Feira Eurropean Council on 19 and 20 June 2000

336.7(100)

Помлад асс. **Елена СТОИЧКОВА**

СОВРЕМЕНИ ФИНАНСИСКИ ТЕКОВИ И ИМПЛИКАЦИИ - ОД МИКРОКРЕДИТИРАЊЕ ДО СЕОПФАТНИ ФИНАНСИСКИ СИСТЕМИ

Апстракт

На 23 декември 2003 година Кофи Анан, поранешниот секретар на Обединетите Нации, изјави: „Сурова реалност е тоа што најголем дел од сиромашните луѓе во светот сеуште немаат пристап до одржливи финансиски услуги, без оглед на тоа дали се работи за депозити, кредити или осигурување. Големиот предизвик пред нас е да ги лоцираме ограничувањата кои влијаат на исклучување на луѓето од комплетно учество во финансискиот сектор. Заедно, можеме и мораме да изградиме сеопфатни финансиски сектори кои ќе им помогнат на луѓето да го подобрат своите животи.“

Две години после оваа изјава, Обединетите Нации ја прогласија 2005 година за Меѓународна година на микрокредитот, а наредната 2006 година Мухамед Јунус - таткото на микрокредитот ја доби Нобеловата награда за мир за достигнувањата и промовирањето на концептот на микрофинансирање.

Современите финансиски текови носат промени и иновации и повеќе нема изговори да не се делува, посебно сега кога финансиката сеопфатност преку микрофинансирањето стана еден од најдобите начини за намалување на сиромаштијата во светот и поттикнување на економскиот раст.

***Клучни зборови**: сеопфатност, финансиски систем, финансиска исклучивост, микрофинансирање, микрокредитирање*

Вовед

Трансакциските трошоци, несигурноста и асиметричните информации го оневозможуваат непречениот тек на акумулираните парични текови кон профитабилните инвестициски можности. Финансиските пазари и институции во своето издигнување ги надминуваат овие дилеми на пазарите, односно колку се поразвиени толку повеќе помагаат во олеснувањето на размената на стоки и услуги. Ова се овозможува преку непречено плаќање, мобилизација и прибирање на паричните средства од голем број на инвести-

тори, добивање и обработка на информации за претпријатијата и можните инвестициски проекти, со што се алоцираат мобилизираните средства кон продуктивно искористување. Сепак, постои голема варијација низ одделните земји во поглед на ефикасноста со која финансиските пазари и институции влијаат на намалување на трансакциските трошоци и асиметричноста на информациите, како и во поглед на пристапот до домаќинствата со различни нивоа на приход и претпријатијата од различна големина. Земјите со подобро развиени финансиски системи забележително побрзо го достигнуваат посакуваниот економски раст.[1]

Несомнена е поврзаноста на економскиот раст и развиеноста на финансискиот систем во една земја, па токму оттука произлегува потребата финансискиот систем да биде критичен фактор во постигнувањето на посакуваната стапка на економски раст.

Се поставува прашањето, каков треба да биде тој финансиски систем кој ќе претставува основа за постигнување на посакуваните социо-економски цели? Одговорот е јасен, неопходно е градење на сеопфатен финансиски систем, а тоа е така затоа што секој сегмент од граѓаните на една земја има потреба од финансиски услуги. Финансиската инклузија, односно сеопфатност е еднакво битна како и социјалната сеопфатност, а микрофинансирањето е една од најмоќните алатки за нејзино постигнување.

Зошто микрокредитирањето за кратко време беше заменето со микрофинанисрањето, а потоа тоа со концептот за градење на финансиски систем во кој ќе бидат опфатени и активно вклучени сиромашните слоеви на население? Како финансиската сеопфатност, како амбициозна и сложена визија, го привлече вниманието на многу влади, меѓународни финансиски институции, филантропи, социјални инвеститори, банкари од меинстримот, ѓраѓани на САД, Кина, Индија, Германија, Мексико, Бангладеш, Шпанија?

Освен одговори на овие прашања овој труд ќе понуди и поблиско запознавање со основите претпоставки за постоење на финансиската инклузија, основните карактеристики и крајно, принципите врз кои се гради сеопфатен финансиски систем, низ призмата на засегнатите страни.

Нема сомнение дека е неопходно разбирање и примена на основните концепти на финансиската инклузија, бидејќи развојот на финансиските пазари уште повеќе ќе ја потенцира потребата и сиромашните слоеви на граѓани да имаат пристап до финансиските услуги кои им се потребни, пред се за подобрување на нивната социјална и финансиска состојба, а потоа и за нормално функционирање и развој.

[1] Beck, T.H.L., Policy choices for an efficient and inclusive financial system, во F. Dahan & J. Simpson (Eds.), Secured Transactions Reform and Access to Credit. Edward Elgar, 2008, стр. 2

1. ОД БАНГЛАДЕШ ДО ВОЛ СТРИТ – МАЛИТЕ ЧЕКОРИ НА ГОЛЕМАТА ИДЕЈА

Во доцните 1980-ти, со формирањето на Грамен банката во Бангладеш, вниманието на широката и стручната јавност се сврте кон улогата на микрокредитот како извор на финансиски средства за микропретпријемачите. Малата достапност на кредитите беше гледана како основна пречка во економските активности на сиромашното население. Микрокредитите дадени на групи сиромашни жени беа едноставен и директен лек за нивната сиромаштија, а со ова излезе на виделина и поврзаноста помеѓу користењето на кредит и намалувањето на сиромаштијата.

Професорот по економија и основач на Грамен банката, Мухамед Јунус, сфатил дека милиони негови сограѓани се заробени во сиромаштија само затоа што не можат да приберат ни симболични суми на пари за да купат алат за работа. Така тој започнал да им дава мали кредити на своите сиромашни соседи, само врз основа на нивното ветување дека ќе му ги вратат парите.

Микрокредитирањето претставува процес на давање на многу мали кредити (микрокредити) на невработени лица, на сиромашни претпријемачи и други луѓе кои живеат во сиромаштија и не се сметаат за кредитоспособни. Ваквите кредитобарателинемаат колатерал, немаат постојано работно место како ни верификувана кредитна историја, па така не можат да ги исполнат дури ни минималните услови за добивање на кредит.

Микрокредитот, во форма која ја познаваме денес стана макро успех во 2006 година, уште повеќе поради тоа што неговите корисници ги направи способни за опстанок преку поттикнување на нивните претпријемачки способности. Покрај социјалните цели на микрокредитирањето, кои воглавно се поврзуваат со намалување на сиромаштијата и подобрување на условите за живот на голем дел од светското население, во економските цели на микрокредитирањето се вбројуваат зголемувањето и диверзификацијата на приходите, зголемување на производството и потрошувачката, намалување на невработеноста и др.

Иронично е тоа што до 2006 година, годината во која Мухамед Јунус и Грамен банката беа добитници на Нобеловата награда за мир за нивното пионерско достигнување во областа на микрокредитирањето, самиот термин „микрокредитирање“ бил без никакво посебно значење во стручната јавност. Како и да е, Нобеловата награда на Мухамед Јунус послужи и за зацврстување на самиот термин „микрокредитирање“ и неговото значење и во секојдневниот, новинарскиот и политичкиот речник.

Но, не за долго време стана јасно дека кредитите не се единствената финансиска услуга која им е потребна и неопходна на граѓаните од долните оппштествени слоеви. Не е прифатливо маргинализирање на потребите на сиромашните граѓани и на оние со низок приход, туку напротив, најголем дел од

финансиските услуги треба да бидат достапни за сите граѓани во една земја. Така, микрокредитирањето беше проширено до рамките во кои стана микрофинансирање. Во микрофинансирањето, освен микрокредитирањето како негова изворна форма, спаѓаат и депозитните работи, микроосигурувањето, микролизингот, дознаките и други финансиски услуги „на мало".

Иако реализицијата на идејата на Мухамед Јунус започна далеку од главните финансиски текови, големите финансиски институции набргу ја увидоа можноста за профит која ја нуди микрофинансирањето. Така првичната холистичка замисла на Јунус беше заменета со модел кој има за цел остварување на профит од опслужувањето на сиромашните луѓе. Банкарите од Вол стрит можат задоволно да ги тријат рацете. Кризата која ги зафати светските финансиски пазари ја извади на виделина стабилноста, која поради малата изложеност кон ризикот, е карактеристика на приходите од микрофинансирањето. Без оглед на тоа дали некој се согласува или не со ваквиот развој на микрокредитирањето, она што е евидентно е дека во иднина развојот и диверзификацијата на финансиските услуги за сиромашните луѓе во голема мера ќе зависи од она што се случува на главните рути на финансиските пазари, наспроти изолираните микрофинансиски институции. Со напредокот и диверзификацијата на глобалните финансиски пазари, сиромашните луѓе можат да станат дел од нив како никогаш претходно, но доколку овие пазари „кивнат", финансиските средства за луѓето со низок приход може лесно да ги снема.[2]

Концептот на финансиска сеопфатност како насока во која може да се развива еден финансиски систем стана широко распространет и прифатен на крајот на 2005 година која од страна на Обединетите Нации беше прогласена за Меѓународна година на микрокредитот.

2. ОД ФИНАНСИСКА ИСКЛУЧИВОСТ ДО ФИНАНСИСКА СЕОПФАТНОСТ - ПРОБЛЕМИ НА ПРИСТАП ДО ФИНАНСИСКИТЕ УСЛУГИ

Финансиската исклучивост (ексклузија) во економиите на земјите во развој го одразува фактот дека неформалниот сегмент на финансискиот систем има огромно значење, како извор на средства за егзистенција за сиромашното население, за кое домаќинството е примарна единица за производство и потрошувачка.

Бројни проблеми го ограничуваат пристапот на сиромашните домаќинства до финансиски услуги. Во нив се вбројуваат географската

[2] Helms B., Littlefield E., Porteous D., Financial Inclusion 2015: Four Scenarios for the Future of Microfinance, Focus Notes No. 39, CGAP, October 2006, стр.1

изолација, како и високиот прираст и густина на населението, кои доведуваат до нееднаков пристап до финансиските услуги, посебно во оние економии каде развојот на финансискиот сектор е ограничен. Одделни сектори, како што се малостопанствениците и примитивното земјоделство, заедно со нивните економски активности кои ги остваруваат после жетвите и надвор од фармите, преставуваат посебен предизвик во овозможувањето на достапни финансиски услуги.

Генерален проблем во земјите во развој е неспособноста на многу домаќинства со ниски приходи да ги исполнат барањата на кредитодавателите за формален физички колатерал. Меѓународните агенции за развој и финансиските институции се активни во развивањето на нови пристапи во решавањето на овие проблеми. Така, UNCDF (United Nations Capital Development Fund) во 2005 година ја издаде т.н. Blue Book за финансиската сеопфатност. Светската банка, пак, одвои значителни средства за истражувачки програми за достапноста на финансиските услуги, во рамките на кои се посветува посебно внимание на финансиското исклучување на најсиромашните и на овозможување на поголема достапност на финансиските услуги од страна на владите.

Финансиката сеопфатност е начин како може да биде намалена сиромаштијата, а зголемена благосостојбата на светското население преку поширока достапност на финансиски услуги.

Во многу земји сиромашните луѓе и луѓето со низок приход немаат пристап ни до најосновните финансиски услуги, како на пример штеден депозит, а да не стане збор за понапредни финансиски услуги кои можат да им обезбедат сигурност, предвидливост и финансиски развој на самото домаќинство. Сеопфатен финансиски сектор поддржува целосно учество на домаќинствата со ниски примања во финансискиот систем.Постојат бројни докази дека достапноста на финансиските услуги е алатка од критично значење како за економскиот раст, така и за човековиот развој. Во меѓувреме, искуството на глобално ниво, исто така, јасно покажува дека сиромашните граѓани можат да бидат достојни и сигурни клиенти и дека институциите кои ги опслужуваат на добар начин, се многу успешни во своето работење.

Сеопфатен финансиски систем е оној што им служи на сите клиенти, не само на оние кои ги исполнуваат условите за пристап до финансиските услуги. Ова значи дека сеопфатниот финансиски систем ги опфаќа и сиромашните граѓани, како и оние со низок приход и на истите им овозможува достапност до финансиските услуги кои им се потребни.

Сеопфатниот финансиски систем го препознава пазарниот потенцијал и развојните можности, со цел да се приближат финансиските услуги до сиромашните. Така, финансиската сеопфатност генерално претпоставува:[3]

[3] UNDP China: What is inclusive finance?,

- Цврсти институции, осигурани преку саморегулација и поставување на стандарди, мониторинг на работењето и цврста и прудентна регулација;
- Финансиска и институционална одржливост, која ќе ја осигура способноста на давателите на финансиски услуги, вклучувајќи ги тука и микрофинансиските институции и комерцијалните банки, да продолжат со давањето на финансиски услуги на посиромашните клиенти на долг рок;
- Голем број на даватели на финансиски услуги, со цел да се намалат трошоците и на клиентите да им се понудат повеќе алтернативи, вклучувајќи чисто приватни, непрофитни и јавни институции кои можат да се јават како даватели на финансиски услуги; и
- Широк опсег на финансиски услуги, вклучувајќи кредити, депозити, осигурување, парични дознаки, пензии и хипотеки.

3. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ ВО ГРАДЕЊЕТО НА СЕОПФАТНИ ФИНАНСИСКИ СИСТЕМИ

Финансиската сеопфатност, во најтесни рамки, може да се интерпретира како можност секоја индивидуа да има пристап до основните финансиски услуги кои вклучуваат штедење, односно депозитни услуги, кредити и осигурување, на начин кој е релативно соодветен и флексибилен во поглед на пристапноста и дизајнот, како и сигурен во поглед на тоа дека заштедените средства се безбедни, а надоместоците од осигурување ќе бидат сигурно исплатени.

Давањето на финансиските услуги бара почитување на некои основни принципи за градење на сеопфатен финансиски систем, без оглед на тоа дали давателот на финансиските услуги е кооперативна банка, регионална земјоделска банка, комерцијална банка, небанкарска финансиска институција или непрофитна граѓанска организација. Основните принципи кои треба да се почитуваат се поделени во три групи во зависност од чиј аспект се набљудува процесот на градење инклузивен финансиски систем, и тоа:[4] од аспект на давателите на финансиските услуги, од аспект на корисниците на финансиските услуги и од аспект на регулаторите.

http://www.undp.org.cn/modules.php?op=modload&name=News&file=article&catid=0&topic=12&sid=4174

[4] Mor T., Ananth B., Inclusive Financial Systems – Some Design Principles and Case Study, Economic and Political Weekly, March 2007, стр. 3

3.1. Принципи од аспект на давателите на финансиски услуги

Давателите на финансиски услуги мораат да ги повратат сите трошоци кои ги направиле во процесот на давање на тие услуги. Моделот кој се заснова на вкрстени субвенции по својата природа е нестабилен, бидејќи штом исчезне изворот на профит на давателот на вкрстените субвенции, исчезнува и способноста за вкрстени субвенции, а со тоа и понудата на услугата. Ризиците во кредитирањето и осигурувањето треба да бидат управувани од страна на институции кои се најсоодветни за тоа. Кога се работи за институции кои нудат услуги на прибирање на депозити и осигурување на мало, тие мора да одржуваат соодветно ниво на капитал заради заштита на корисниците на услугите (депонентите и имателите на осигурителни полиси) од ризиците кои ги следат овие услуги. Ова се однесува на кооперативните банки, регионалните земјоделски банки, небанкарските финансиски институции за прибирање депозити, непрофитни граѓански организации, кои се вклучени во мобилизација на депозити – вклучувајќи т.н. групи за самопомош во кои водачите на групите имаат дозвола да прибираат депозити од членовите на групата и да управуваат со нивните штедни депозити. За да биде сигурна, институцијата која нуди осигурителни и депозитни услуги мора да биде формално регулиран ентитет, мора да има минимален капитал кој е пропишан како задолжителен за институциите кои вршат таква дејност, како и капитал чија големина е соодветна на преземените ризици, заради заштита на депонентите и имателите на осигурителните полиси.

Организациите кои имаат способност за управување со ризиците преку диверзификација и други стратегии, може да немаат доволно локални информации за снабдувањето со средства. Слично, големите финансиски институции и банките често имаат такви структури на контрола кои го прават управувањето со банкарските сметки и кредитите непотребно скапо и нефлексибилно. Сепак, ова ја прави атрактивна појавата на хибридни модели на организација, каде што досегот на локалните институции може да се искомбинира со способноста за управување со ризици на големите и регулирани организации. Ова може да доведе до зголемување на достапноста на осигурувањето и други финансиски услуги на оние пазарни сегменти кои не се доволно опслужени, а без притоа да се вбризгува дополнителен капитал за заштита од ризиците на сите нивоа на финансиско посредување.

Ентитетот кој претставува кредитодавател мора да има доволен капацитет (кој ќе биде воден од оперативен модел, специјализирано знаење или блиски односи со клиентите) за адекватна проценка на кредитниот ризик и прибирање на пари од кредитокорисникот. Многу институции мора да имаат воспоставено адекватни мерки, а истовремено мора да бидат така организирани и управувани за да може да се задржи и надгради способноста за проценка на локалните ризици и можности.

3.2. Принципи од аспект на корисниците на финансиски услуги

Пристапот до финансиски услуги може да биде определен на повеќе начини, така ентитетите кои нудат финансиски услуги мораат да осигураат дека локацијата каде може да се пристапи до користење на финансиската услуга ќе биде не повеќе од еден час одалечена од местото на живеење на клиентот и дека работните часови ќе овозможуваат пристапот да биде на начин кој ќе го задоволи клиентот и кој нема да има за резултат намалување на неговата дневница поради времето потребно за патување до и од локацијата каде може да се користи услугата. Оваа точка, каде би се вршела трансакцијата мора да биде таква што нема да ги исклучува потенцијалните корисници на услугите во однос на нивната писменост, пол или други социо-економски карактеристики.

Деталноста во определувањето на пристапот до финансиските услуги е клучна од перспектива на клиентот. Со други зборови, на клиентот мора да му се овозможи да бира од обем на услуги кој опфаќа основни банкарски услуги, кредитирање, осигурување (вклучувајќи животно осигурување, осигурување од незгоди, здравствено осигурување), бидејќи фокусирањето на давање на кредити нема комплетно да ги задоволи барањата на клиентите и управувањето со ризикот во домаќинствата.

Во поглед на овозможувањето пристап на сиромашните домаќинства до финансиски услуги, се појавија и развија два различни, но комплементарни модели. Во првиот, управувањето е одговорност на специјализираните даватели на услуги, на пример небанкарска финансиска институција или кооперативна банка, и вториот модел, во кој оваа одговорност е преземена од самите корисници, односно заедница, како на пример во групите за самопомош каде тие самите ја преземаат одговорноста за сметководството и книговодството. Секој од моделите на диструбуција на финансиските услуги има свои уникатни предности, но сепак, клиентите мораат да имаат избор помеѓу двата модели. Специјализираните институции кои нудат финансиски услуги, работите околу управувањето со средствата ги овозможуваат со тоа што за нив наплаќаат надомест. Но, на клиентите мора да им се даде можност да бираат дали ќе го платат тој надомест на надворешен субјект или самите ќе бидат одговорни за управувањето преку самоорганизација.

Како дополнување, постои загриженост во поглед на таквите групи кои ги формира заедницата и на кои се гледа како на перманентни ентитети. Дури и да се признае дека таква група може да управува со депонираните средства или со кредитните операции засекогаш, овој пристап не е доволно флексибилен за да ги задоволи потребите за финансиски услуги на своите членови, без оглед дали станува збор за поголем кредит, индивидуален кредит за исплаќање на доспеани обврски или пак нови финансиски

прозводи како осигурување или деривати. Поентата е дека изборот на начин на кој ќе се пристапува до финансиските услуги мора да биде оставен на клиентите, и тоа во секој момент и не треба да има обиди да се создаде и наметнува посебна форма на дистрибуција на услугите.

Кога се работи за кредити, кредитобарателите кои не се во можност да понудат колатерал, најпрво мора да изградат и да ја докажат својата кредитна историја низ разните институции кои даваат финансиски услуги. Помаѓајќи им на сиромашните да ги развијат и централизираат своите кредитни истории се придонесува до тоа пазарите на кредити да бидат помалку сегментирани и со тоа, кредитобарателите да имаат евтини извори на кредити.

3.3. Принципи од аспект на регулаторите

Крајната конфигурација за тоа како треба да се создава пристапот до финансиските услуги, е динамична и мора да се земат во предвид сите претходни искуства во оваа област.

Некои прашања кои треба да ги загрижуваат регулаторите се:

1. Дали пристапот до финансиските услуги треба да биде универзален?;

2. Дали таквиот пристап има прифатлив квалитет? (тука под квалитет се подразбираат аспекти, како што е врската помеѓу кредитобарателот и кредитодавателот, како и карактеристиките на понудените услуги); и

3. Дали давателите на финансиските услуги се одржливи и дали исполнуваат одредени законски норми?

Регулаторите не смеат да фаворизираат еден или друг модел на дистрибуција на финансиските услуги, односно тие мораат да бидат водени од посакуваниот исход, но неутрални во поглед на користениот модел. Историски гледано, некои институционални модели биле поддржувани во поглед на зголемувањето на финансиската сеопфатност. На пример, кооперативните банки или регионалните рурални банки биле создавани со ваква намера. Примарноста на оваа намена значи дека други мерки, како на пример капиталната адекватност, не се користени за да се оценат овие институции, па така тие од време на време се докапитализираат. Покрај значајноста на овие согледувања, истите не влијаат на одржувањето на целите на финансиската сеопфатност.

Практиките покажуваат дека финансиската сеопфатност не може да биде постигната единствено преку менување на основните принципи во насока на нивно ослабување. Спротивно, тоа може да ја отежне појавата на нови модели кои имаат потенцијал да се справат со предизвиците на финансиската сеопфатност.

Регулаторите често се загрижени дека намалувањето на барањата за влез на пазарот, во поглед на висината на основачкиот капитал и добивањето

на лиценци, може да доведат до зголемување на бројот на ентитетите кои ќе нудат финансиски услуги. Загриженоста се однесува на капацитетот на регулаторите како ограничувачки фактор, односно ако има премногу институции кои треба да бидат регулирани, тогаш одговорноста на регулаторите за надзор над нивното работење, ќе биде неодржлива. Имплицитно, минималните капитални барања, исто така имаат за цел да прават проверка на квалитетот на давателите на финансиски услуги. Една прагматична алтернатива која го усогласува ова несовпаѓање на финансискиот пристап и потребите за стабилност и сигурност на банкарскиот систем е да се користат познатите модели и регулативи на банкарската регулатива и супервизија, со можност државата да гарантира за овие пласмани. Така, овие финансиските институции ќе се соочат со минималните капитални барања од централната банка при реализација на ваквите пласмани.

4. ФИНАНСИСКАТА СЕОПФАТНОСТ КАКО ГЛОБАЛНА ОПРЕДЕЛБА ЗА РАЗВОЈ

Обединетите Нации, како меѓународна организација со основна цел за одржување на светскиот мир, е голем поддржувач и пропагатор на градењето сеопфатни финансиски системи. Тоа е така затоа што финансиското исклучување е во колизија со човечкиот напредок, кој пак е една од основните претпоставки за одржување на мирот во светот.

Обединетите Нации одредуваат т.н. Меѓународни години за да ги потенцираат битните глобални проблеми и да за охрабрат здружено делување во оние предизвици кои имаат влијание врз целиот свет.

Така, Меѓународната година на микрокредитот во 2005 година беше во суштина еден целогодишен глобален дијалог помогнат од Обединетите Нации, со цел подобро разбирање на состојбата и предизвиците на микрофинансирањето, како и на начините со кои преку здружено делување ќе се надминат ограничувањата.

Петте клучни цели за 2005 година беа поставени под широката цел за синергетско делување на земјите членки на Обединетите Нации, Агенциите на Обединетите Нации, вклучените во микрофинансирањето и другите учесници во насока на исполнување на заедничката визија за:

1. Проценка и промовирање на придонесот на микрофинансирањето и микрокредитот во исполнувањето на Милениумските развојни цели;
2. Зголемување на јавната свест и разбирање на микрофинансирањето микрокредитот како битни елементи во постигнувањето на рамномерен развој во светски рамки;

3. Промовирање на сеопфатни финансиски сектори;
4. Поддршка на одржливата достапност на финансиските услуги; и
5. Поттикнување на иновации и промовирање и поддржување на стратешките партнерства во градењето и проширувањето на опсегот и успехот на микрофинансирањето и микрокредитот.

Клучен резултат од овие процеси е визијата за градење на сеопфатни финансиски системи, заедно со иницијативата за оценка на глобалната достапност на финансиските услуги, како и преку воспоставување на општи стандарди за мерење на финансиската инклузија.

Сеопфатните финансии се една од најдобрите алатки кои во денешно време можат да влијаат на намалување на сиромаштијата и да придонесат кон остварување на Милениумските развојни цели бидејќи:[5]

- Одржливиот пристап до микрофинансиските услуги им помага на сиромашните домаќинства да ги задоволат своите основни потреби, како што се пристојно живеалиште, здравствена заштита и образование на нивните деца.
- Малите заеми можат да бидат искористени за започнување на нов бизнис, отварање на ново работно место или пак за снабдување со основни средства за живот.
- Сиромашните луѓе докажале дека тие не само што се способни да ги исплатат своите заеми на време, туку можат да бидат профитабилен бизнис за давателот на заемот кој им дал шанса.
- Сиромашните луѓе користат и други финансиски услуги како осигурувањето и заштедите за да инвестираат и ја осигураат иднината на своите семејства.
- Сиромашните луѓе не сакаат милосрдие, тие сакаат пристап и можност. Микрофинансирањето им помага да учествуваат во донесувањето на одлуки и контрола врз сопствениот живот.

- Давањето на услуги кои го поттикнуваат претприемачкиот дух кај луѓето е од витално значење за намалување на невработеноста и сиромаштијата.

Глобалната определба за градење на сеопфатни финансиски системи е од исклучително значење за поттикнување на локално дејствување.

[5] UNDP China, Why inclusive finance?, http://www.undp.org.cn/modules.php?op=modload&name=News&file=article&catid=0&topic=12&sid=4175

Искуството покажува дека владите можат да го поддржуваат микрофинансирањето директно, преку обезбедување на правна поддршка, или индиректно, преку поддржувачка политичка и регулаторна околина (вклучувајќи слобода во формирањето на цените на кредитите и депозитите според ризикот и пазарните услови). Не можеме да се сложиме со ставот присутен во дел од економската јавност дека владите не треба да бидат вклучени во давањето средства на заем, ниту пак во обезбедувањето на средствата кои ќе се даваат на заем.

Постојат разновидни искуства во политиката, како и во производите и институционалните аспекти на микрофинансирањето. Постојат и многу начини да се зголеми финансиската вклученост на секој сегмент на населението во рамките на една национална економија, а во овој процес треба да се учи пред се од туѓите искуства. Сето ова би имало за крајна цел успешните практики да се пренесат од локално на глобално ниво и со тоа да се придонесе за исполнување на целите поврзани со постигнување глобален развој.

Заклучок

Постои генерален консензус во економската теорија и практика за значењето на придонесот на микрофинансирањето и микрокредитот во обезбедување на динамичен и стабилен економски развој. Станува збор за моќни алатки кои ги исполнуваат не само економските, туку и социјалните интереси на државите. Сепак, останува потребата за зголемување на јавната свест и разбирање на микрофинансирањето и микрокредитот, како битни елементи во постигнувањето на рамномерен развој во светски рамки. Во таа насока, потребно е интензивирање на промоцијата на сеопфатните (инклузивни) финансиски сектори, како и обезбедување на поддршка на одржливата достапност на финансиските услуги. Така, потребна е интегрирана акција (не само како до сега, вербална, туку и конкретна поддршка) на сите учесници во националните финансиски системи, како и во супра-националните организации. Тука посебно би ги истакнале регулаторите и регулативите, обезбедување на гарантни фондови и програми за самовработување, како и мобилизација на респектабилни финансиски средства.

Клучен резултат на сите напори е изградбата на сеопфатен финансиски систем, чиј финален продукт е полесната достапност на финансиските услуги, но секако, низ еден заокружен систем на стандарди за мерење на финансиската сеопфатност, кој дефинитивно ќе обезбеди и цврсти докази за ефикасноста на овој систем.

Summary

There is a general consensus in the economic theory and practice for the important role of microfinance in achieving dynamic and stable economic growth. Besides being powerfull tool in boosting the economies, microfinance has great impact on social growth and development.

This is fully recognized, but still there is insufficient public understanding and application of microfinance in accomplishing global development goals.

There are great efforts in international and local level to build inclusive financial systems, and to bring financial services closer to population groups that are excluded from current financial systems. Cross-sectional analysis have shown that people with access to credit have less incidence of poverty. The reduction of poverty and/or the alleviation of it's consequences has been a public policy issue which has differed significanly accros countries and over time. International organizations must play big role in promoting and supporting microfinance and therefore building inclusive financial systems. There is no doubt that world development can benefit from contemporary financial flows, but it is crucial the people to be informed so they can understand the reasons and accept the implications.

Литература и веб страни

1. Beck, T.H.L., Policy choices for an efficient and inclusive financial system, in F. Dahan & J. Simpson (Eds.), Secured Transactions Reform and Access to Credit. Edward Elgar, 2008
2. Helms B., Littlefield E., Porteous D.,Financial Inclusion 2015: Four Scenarios for the Future of Microfinance, Focus Notes No. 39, CGAP, October 2006
3. Mor T., Ananth B., Inclusive Financial Systems – Some Design Principles and Case Study, Economic and Political Weekly, March 2007
4. Building Inclusive Financial Systems: A Framework for Financial Access, edited by Michael S. Barr, Anjali Kumar and Robert E. Litan , Brookings Institution Press, Washington D.C., 2007
5. Microfinance: A Reader, edited by David Hulme and Thankom Arun, Routlege Taylor and Francis Group, London, 2009
6. http://www.undp.org.cn, пристапено на 10 септември 2009
7. http://www.centerforfinancialinclusion.org, пристапено на 04 октомври 14 октомври 2009
8. http://www.microfinancefocus.com, пристапено на 14 октомври 2009

366(73)
366(497.7)

Помлад асс. **Надалина СТОЈАНОСКА**[1]

ПРАВА И ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

Апстракт

Во денешните пазарни економии, потрошувачот е во центарот на сите маркетинг активности. Потрошувачот е "крал"- се произведува и продава она што тој бара. Од моментот кога ќе се родиме, кога ќе научиме да зборуваме и да одиме, ние секојдневно сме инволвирани во потрошувачкото однесување. Дали ќе одиме во продавница, ќе купуваме по каталог, на интернет или ќе седиме дома и ќе нарачуваме од ТВ продавници, секако, ние функционираме како потрошувачи. Сето ова нè води до општо прифатената дефиниција за поимот потрошувач. "Потрошувач" е секое физичко или правно лице кое купува производи или користи услуги за непосредна сопствена потрошувачка за цели кои не се наменети за вршење на неговото занимање или за други деловни дејности".[2] Познавањето и задоволувањето на своите потрошувачи е еден од клучните фактори за изградба на соодветна стратегија за нивно освојување, задржување и воспоставување односи на долгорочни основи.

***Клучни зборови**: потрошувач, права на потрошувачите, заштита на потрошувачите, конзумеризам, ОПМ (организација на потрошувачите во Македонија)*

Вовед

Некој некогаш кажал "единствениот поединец кој може да нè отпушти сите од работа е потрошувачот"[3]. Тоа е и денешна вистина. Потрошувачите одредуваат кои компании успеваат, а кои не. Всушност во тоа е и силата на потрошувачите како целина- кога тие избираат на пазарот, тие гласаат за кандидатите коишто сакаат да преживеат на денешниот хипер- конкурентски малопродажен пазар.

[1] Факултет за економски науки, ЕУРМ
[2] Закон за заштита на потрошувачите "Сл. весник на Р. Македонија" бр.38/04 од 17.06.2004 година (чл.4)
[3] Роџер Д. Блеклевел/ Пол В. Миниард/ Џејмс Ф. Енџел, Однесување на потрошувачите, деветто издание, стр.54

Едно од начелата на однесување на потрошувачот зборува дека со потрошувачот не може да се манипулира, туку може само да му се прилагодува. На однесувањето на потрошувачот може да се влијае, но тие влијанија мора да бидат општествено прифатливи. Затоа, на пазарот можат да опстанат само оние претпријатија кои однесувањето на потрошувачот го набљудуваат како динамичен процес и кои со непрекинато прилагодување на елементите на маркетиншкиот микс ќе настојуваат да ги задоволат потребите и желбите на потрошувачот. По чинот на купување, потрошувачите ја вреднуваат својата одлука за купување, проширувајќи го на тој начин сознанието за задоволството или незадоволството од купениот производ, одбраната продавница и услугите што следувале по купувањето. Во оваа фаза потрошувачот дознава дека производот е подобар од очекуваното, па го изразува своето задоволство, или производот е на ниво на очекуваното, што значи дека реакцијата нема да биде ниту позитивна, ниту негативна. Меѓутоа, доколку производот не ги исполни очекувањата, потрошувачот поради незадоволство може да шири негативни информации за производот, да не го купува повеќе, или пак да реагира кај продавачот, производителот или надлежната институција.

1. Практични примери од нашето секојдневие како потрошувачи

Млеко со изминат рок, непочитување на гаранција за телевизор, високи сметки за парно и интернет, манипулација со реклами се само дел од проблемите со кои македонските граѓани се соочуваат секојдневно.

“50% попуст“ , “80% попуст“, “ Сè е од 599 до 999 ден“, “Плати едно земи две“....се само дел од многубројните натписи кои ги најавуваат попустите низ нашите продавници. Сето тоа е во ред, се додека не стигнеме на каса со нашиот производ во рака и продавачката ни побара повисока цена од онаа што ние сме си ја пресметале со попустот, со објаснување дека за тој производ попустот не важи. И во зависност од карактерот на потрошувачот-некој од срам ќе го купи истиот (иако не е на попуст), а некој (не)вербално ќе се “пресмета“ со продавачот. Секако, ваквиот начин на означување на распродажба/ попуст не е во согласност со законот. Означувањата што упатуваат на распродажба, односно на намалување на цените, независно од тоа дали намалувањето е изразено во износ или процент, треба да бидат реални и вистинити и мора да бидат изразени на еден од следниве начини[4]:

[4] Закон за заштита на потрошувачите “Сл. весник на Р. Македонија” бр.38/04 од 17.06.2004 година (чл.12)

- со наведување на новата цена покрај видливо прецртаната претходна цена,

- со наведување на зборовите "нова цена" и "стара цена",

- со наведување на процентот на намалување на цената и наведување на новата цена покрај видливо прецртаната претходна цена, или

- со наведување на процентот на одобреното намалување за секој одделен производ или услуга или за секоја наведена категорија производи или услуги.

Често пати се случува да купиме некој производ и при тоа цената означена на полиците или на производот да биде сосема различна од онаа што ќе ни ја побараат на каса. Оправдувањето најчесто е дека тоа е старата цена на производот или дека некоја колешка погрешно ја напишала, или пак дека станува збор на нова пратка на производи кои се набавени поскапо. [5]

Понатаму, се поставува прашањето каков е квалитетот на освежителен пијалак од 2 литри што чини само 20 денари? Одговор на оваа прашање нема. На декларацијата на тој производ нема ни основни податоци за неговиот состав. Народски кажано - купуваш мачка во вреќа за 20 денари. Еден од производителите на македонските освежителни пијалаци изјави дека додека го добил казанот во кој требал да ги меша состојките за сокот, тоа го правел во када. Друг производител од Струмица објаснува дека кога почнал со производство на освежителни пијалаци имал рецепти што не му се допаѓале, па си измислил свој. До декларацијата за своите производи дошол на многу "оригинален" начин. Собрал десетина етикети од постоечки производи на пазарот и ја избрал најсимпатичната. [6]

Преку етикетите на производите потрошувачот најдобро се информира за квалитетот и составот на храната што ја купува. Некои од производите што можат да се сретнат на нашиот пазар немаат ни датум на траење, а честопати не пишува ни кој е производителот. Производи на кои нема ни основни податоци за составот можат да се сретнат насекаде. Ги има во малите продавници, во супермаркетите, по улиците, на пазарите.

Законот[7] регулира дека производителот или трговецот на декларацијата задолжително треба да ги наведе името на производот и производителот, начин на одржување на производот, начин на употреба на производот, географското потекло, тежината, количината на суровините и адитивите,

[5] Начинот на истакнување на цената на производите е пропишан со член 8 од Законот за потрошувачи

[6] http://www.kapital.com.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=0&tabid=65&ArticleID=4760&EditionID=306

[7] Закон за заштита на потрошувачите "Сл. весник на Р. Македонија" бр.38/04 од 17.06.2004 година (чл.23)

рокот на траење, специфичните услови за складирање, нутритивниот состав (хемиски,технолошки состав на храната), бројот на одобрението за производство на тој производ. Сите податоци треба да бидат напишани разбирливо, прецизно и јасно. Производителот не смее да манипулира со потрошувачот и да го доведе во заблуда. За непочитување на овие одредби законот пропишува казна (од 40.000 до 120.000 денари).

Статистиките на ОПМ (Организација на потрошувачите во Македонија) покажуваат дека македонските потрошувачи најчесто се жалат на неквалитетна облека и обувки. Забележани се реакции и во поглед на детските играчки што можат да се најдат во продажната мрежа, а не ги исполнуваат основните безбедносни услови во однос на механичките, физичките, хемиските, електричните и хигиенските својства. Потрошувачите се жалат дека на играчките не стојат јасни и видливи предупредувања за која возраст се наменети. Повеќето играчки немаат упатство за употреба, имаат слаб квалитет, лесно се кршат, и немаат ни ознака со која се гарантира безбедноста на детската играчка. Потрошувачите имаат поплаки и на упатствата за употреба што ги добиваат при купување на мобилни телефони, апарати за домаќинството, аудио и видео опрема, и други сложени технички производи кои многу често не се преведени на македонски јазик, па потрошувачите не знаат како правилно да ги употребуваат. Загрижува фактот што иста е состојбата и со лековите, каде упатството за примена на лекот не е на македонски јазик, што посредно го загрозува здравјето на луѓето. Многу се чести и проблемите со непризнавањето на гаранцијата и немање на резервни делови. Купените производи што се во гаранција се поправаат по неколку пати, а на потрошувачите не им се даваат производи на користење иако постои законска обврска за тоа.[8]

1.1.ФРИКОМ сладоледи

NOPS (Национална организација за заштита на потрошувачите во Србија) ги повикуваше потрошувачите во Србија на бојкот "ФРИКОМ", поради изнесување невистини и лажна маркетиншка кампања, со која потрошувачите се повикуваа да купуваат сладоледи ФРИКОМ, како би учествувале во наградна игра, која всушност не ни започнала, бидејќи во продажба сеуште биле производи –сладоледи со стапчиња кои биле валидни во минатогодишната наградна игра и не важеле во најавената годинешна наградна игра.[9]

[8] Закон за заштита на потрошувачите "Сл. весник на Р. Македонија" бр.38/04 од 17.06.2004 година (чл. 22)
[9] www.consumer.org.rs (05.08.2009)

Во Организацијата на потрошувачи, членови на NOPS, стигнале многубројни повици на изманипулирани потрошувачи, кои купиле сладоледи со добитни стапчиња, не знаејќи дека се во прашање стапчиња кои биле валидни (важечки) во минатогодишната наградна игра, бидејќи организаторот ФРИКОМ не ја известил јавноста дека се во продажба минатогодишни стапчиња, ниту пак како изгледаат новите. Изманипулираните потрошувачи кои го контактирале ФРИКОМ, за да добијат информација како да си ги подигнат наградите, добиле одговор дека тоа се недобитни стапчиња, бидејќи наградната игра е завршена.

На овој начин, и покрај предупредувањата од страна на NOPS, ФРИКОМ, три години по ред на ист начин ги доведувал во заблуда потрошувачите со лажна маркетиншка кампања и со недостаток на информации. Очигледно ФРИКОМ имал задача само да ги наведе потрошувачите да купуваат ФРИКОМ сладоледи, а не и да учествуваат во наградната игра, како што гласела и кампањата.

Исто така, на декларацијата стоел само крајниот рок на употреба, кој на многу сладоледи бил нечитлив, што претставува уште едно прекршување на законот.

2. Организација за заштита на потрошувачите во РМ (ОПМ)

Организацијата на потрошувачите на Македонија- ОПМ е независна, невладина, непартиска организација, формирана во 1996 година во Скопје, Република Македонија. Во рамките на ОПМ членуваат индивидуални и колективни членови[10], кои функционираат низ повеќе огранoци на ОПМ[11] на територијата на РМ. ОПМ активно соработува со Меѓународната организација на потрошувачите (Consumers International) со седиште во Лондон, Европската организација на потрошувачите (BEUC) со седиште во Брисел, како и со други сродни потрошувачки организации во регионот и пошироко.

ОПМ постојано работи на застапување на интересите на потрошувачите во Република Македонија и остварува соработка на регионално и меѓународно ниво; работи на подигање на јавната свест преку информирање и едукација на граѓаните- потрошувачи; создавање и имплементација на соодветна законска регулатива и конзистентна потрошувачка политика. Експертските комисии за заштитата на потрошувачите работат во следниве области: правна и финансиска; исхрана; домување; права на пациенти-

[10] Здруженија на граѓани

[11] Штип, Битола, Охрид, Тетово, и Кочани, како и советодавните места за потрошувачи во Кичево, Кавадарци, Велес, Струга, Куманово и Струмица

те; енергетска ефикасност и заштеди на енергија и образование на потрошувачите.

Својата дејност Организацијата ја остварува делувајќи во следните сфери[12] :

- Преземање иницијативи за унапредување на законската регулатива за заштита на потрошувачите во Република Македонија;
- Идентификација на проблемите и анализа на потребите на потрошувачите и нивна презентација пред надлежните институции и пошироката јавност, со цел да се придонесе во креирањето на конзистентна потрошувачка политика во Република Македонија;
- Едукација, информирање, советување и застапување на интересите на потрошувачите;
- Преку фокусот на потрошувачкото движење, да влијае на развојот на граѓанското општество;
- Соработка со граѓаните во осознавање на нивната улога во пазарното стопанство и развојот на демократијата;
- Соработка со невладините организации во Република Македонија чија мисија директно или индиректно се залага за заштитата на правата на потрошувачите.

Од друга страна, се идентификуваат следните стратешки цели на ОПМ[13]:

1. Активна партиципација на ОПМ во процесот на заокружување на правната рамка во доменот на заштитата на потрошувачите и нејзина хармонизација со соодветната на ЕУ;
2. Учество во креирањето на конзистентна потрошувачка политика на национално и локално ниво;
3. Активно учество во процесите на имплементација на правната рамка и зацртаната потрошувачка политика на национално и локално ниво;
4. Популаризација на заштитата на потрошувачите.

[12] Стратешки план на ОПМ за периодот 2007-2010 год, Скопје, 2007
[13] Стратешки план на ОПМ за периодот 2007-2010 год, Скопје, 2007

ОПМ првенствено делува на национално ниво, што значи дека нејзин целен пазар е територијата на Република Македонија, а целна група на Организацијата се граѓаните на Република Македонија.

Заштитата на потрошувачите претставува една од важните компоненти на економскиот развој. Минатата година повеќе од 4000 граѓани се пожалиле дека им биле нарушени правата како потрошувачи, од кои близу 70 проценти од случаите се решени во корист на потрошувачите.[14]

3. Конзумеризам

“ Конзумеризам е социјално движење на граѓаните и владата за зголемување на правата и моќта на купувачите во врска со продавачите. “ [15]

Проблемите на потрошувачите можат да бидат поврзани со болниците, библиотеките, училиштата, полициските сили и различни владини агенции, како и други бизнис производители, дистрибутери, индустриските добра и услуги.

Конзумеризмот денес е еден од најпопуларните социјални проблеми кој се стекна со голем публицитет за брзо време. Конзументот (потрошувачот) денес си ги сака и бара своите права. Тој сака да добие целосна вредност за парите што ќе ги потроши. Тој не е подготвен да прифати субстандардни добра чиј рок истекува, туку напротив, сака да добие целосно уверување и сатисфакција за производот/услугата кој што го/ја купува.

Во денешното општество, на незадоволството на потрошувачите и на заштитата на нивните права им треба итно ревидирање. Владата треба да воведе закони, правила и регулативи за казнување на производителите, дистрибутерите и другите членови поврзани со компаниите кои ги кршат правата на потрошувачите.

Потрошувачот денес е многу пребирлив, скептичен и критички ориентиран. Поради тоа, маркетерите мора да го разберат однесувањето на потрошувачите за да бидат успешни во нивното динамично опкружување.

Незадоволните потрошувачи не само што можат да се префрлат во други компании, туку можат и да го рашират лошиот збор, со што ќе ги намалат шансите компанијата да регрутира нови. Покрај ширењето негативни гласини, незадоволните потрошувачи исто така можат да поднесат и официјални поплаки и судски жалби против компанијата. Ова од своја страна може да предизвика негативен публицитет и да ги одземе времето и средствата што ќе бидат потребни за да се одбрани компанијата во судницата и во медиумите.

[14] www.makdenes.org/content/article/1492530.html (29.07.2009)
[15] Matin Khan, Consumer behaviour and advertising menagement, 2006, str 190

Иако незадоволството е основниот предуслов за поплаките, нема сите незадоволни потрошувачи да се жалат. И ако за момент компаниите ќе помислат дека "тоа е одлично", веројатноста е огромна дека токму тие незадоволни потрошувачи, кои не ги искажале своите поплаки, ќе бараат услуги од друга компанија. Од овие причини, компаниите треба да преземаат чекори со кои ќе им се овозможи на незадоволните потрошувачи лесно да ги искажуваат своите поплаки[16].

Зошто македонските потрошувачи толку малку се жалат? Пред сè, не се многу информирани каде и како можат да си ги остварат своите права. Понатаму, потрошувачите понекогаш не сметаат дека производот е директно одговорен за нивното незадоволство. Наместо тоа, тие понекогаш незадоволството во потрошувачкото искуство можат да си го препишат на самите себе (пр. " не го употребив правилно"), или на надворешни причини што не можат да се контролираат (на пр. "летот доцнеше поради невреме"). Дури и ако потрошувачите сметаат дека производот или продавачот се одговорни, може да не дојде до поплаки кога потрошувачите сметаат дека не вреди да се троши време и труд. Не секој е спремен да реагира. Сеуште постои недоверба во институциите. Свесни сме дека ако некој трговец нè измами, тешко дека ќе можеме да ја истераме правдата до крај. Судовите главно не се занимаваат со вакви проблеми на граѓаните, а, и Законот за заштита на потрошувачите никој не го есапи.

4. Компарација на заштита на правата на потрошувачите во САД и Р. Македонија

Едно од заедничките обележја на модерните демократски држави е и заштита на економски послабите страни во деловните трансакции на пазарот, па во таа насока и Законот за потрошувачи во модерните демократски земји ги штити само физичките лица- потрошувачи кога на пазарот купуваат производи и услуги за своите лични и семејни потреби.

Во Соединетите Американски Држави Законот за заштита на потрошувачите е донесен уште во 1972 год.[17] Заштита на потрошувачите во САД е состав во кој учествува државата, пазарот и организацијата на самите потрошувачи, а резултатот од сето тоа е вистински "потрошувачки рај на земјата". Американците веруваат дека пазарот е најдобар регулатор на економските

[16] Денес, се бележи значителен пораст на бројот на компании кои изнаоѓаат начини каде потрошувачите би ги оставале своите „жалби и поплаки". Во поголемите маркети во РМ (Тинекс, Веро, Тедико итн.) често можат да се забележат кутии токму за таа намена. Во таа насока и Пивара Скопје користи бесплатен телефонски број 0800-1-8888, кој е назначен на сите нивни производи (број за потрошувачи).

[17] www.poslovniforum.hr/potrosac (25.07.2009)

односи помеѓу луѓето и дека со мала помош од државата, ќе допринесе до богата понуда, ниски цени и задоволни потрошувачи.

Сојузното трговско друштво (FTC) – е државна институција која се грижи за спроведување на законот за заштита на потрошувачите и разбивање на монопол на американскиот пазар. Без оглед на тоа дали го штити слободниот пазар или ги штити потрошувачите од измами, лаги и нечесен начин на работење, нејзината мисија пред сè е заштита на американските потрошувачи.[18]

Но, законската заштита на потрошувачите во САД не застанува само на FTC. Исто така секое министерство има одделение кое ги штити потрошувачите, осигурувајќи им притоа квалитетен производ; лек кој лечи, а не кој го загрозува здравјето; храна која не е опасна; облека која нема веднаш да се распадне или кредит за кој после неколку месеци нема да утврдите дека условите под кој сте го зеле се сосема други, спротивно од она што сте замислеле.

Нивниот закон предвидува што сè мора да содржи етикетата на производот, какви мора да бидат гаранциите за производот или услугите, а информацијата за вашата финансиска состојба која ја поседува банката мора да остане тајна.

Секоја сојузна американска држава има свој закон за заштита на потрошувачите. Така, доколку се случи потрошувачот да купи од некоја компанија или поединец лош половен автомобил, заштитен е со т.н. "лимонски закон". Случајот ќе го пријави во државната служба, која понатаму ќе се потруди "измамникот" да ја плати оштетата. Прописите се строги, а трговецот кој го измамил потрошувачот ќе му ги врати парите со камата и дополнителна парична отштета.

Пазарот во САД е толку силен, конкуренцијата јака, а понудата на добра и услуги толку голема, што заштитата на потрошувачите во голема мера се регулира сама од себе. Потрошувачот има огромен избор, па доколку не му се допаѓа производителот или продавачот, или пак бара неоправдано висока цена, секогаш може да оди на друго место. Да се лаже или да се "ограбуваат" потрошувачите во САД, едноставно не е исплатливо за трговецот.

Пазарното мото дека "потрошувачот секогаш е во право" во САД се остварува во целост. Така секој купен производ можете да го вратите и да си ги добиете парите назад, без да Ве праша трговецот зошто, а при тоа, причината понекогаш може да биде тоа што CD-то што сте го купиле веќе сте го преснимиле, кошулата која сте ја носеле веќе не Ви се допаѓа или шампонот после неколку користења не Ви одговара.

[18]http://www.index.hr/vijesti/clanak/zastita-potrosaca-u-americi-posao-drzave-i-njih-samih/163921.aspx (25.07.2009)

Американците, сепак, не чекаат, ниту државата, ниту пазарот да се грижи за нив, туку сами се организираат во потрошувачки организации, кои ги штитат од бескрупулозните трговци. Некои од најголемите, како што е Американскиот сојуз на потрошувачи или Потрошувачката организација, прават кампањи на хит тема- заштита на личните податоци кои банките, осигурителните компании и другите компании, рутински ги продаваат на други, без согласност на потрошувачот. Друга форма на заштита на потрошувачите во САД, нудат приватните непрофитни организации, познати како Уред за подобро работење (Better Business Bureau- BBB). Паметна е одлуката секој потрошувач, пред да оди да купи некој производ или услуга, да ја посети web страната на овој Уред- BBB, кој ќе им покаже колку трговецот или производителот ја зборува вистината. Потрошувачите годишно до BBB упатуваат милион приговори на производители, трговци или услужни компании, со кои понатаму BBB настојува да го реши спорот. Доколку има многу приговори, а компаниите не се покажат како кооперативни, ќе се најдат на пописот на BBB на компании со лоша репутација, што сигурно нема да го подобри нивното работење.

Доколку сепак, ништо не помогне, своето право, потрошувачот може да го бара и на суд, што како и секаде, таа постапка трае.

Денес сè повеќе и повеќе се применува индивидуален пристап кон потрошувачите, бидејќи на слободните пазари, во кои влегува и РМ, потрошувачите одредуваат кои и какви производи и услуги треба да се произведуваат и продаваат.

Сите ние, македонските потрошувачи, сакаме да бидеме разгалени како американските потрошувачи, кои бараат милионски отштети за "жешко" кафе или враќање на штотуку купен производ без објаснување! За да го постигнеме нивото на американските потрошувачи, потребна ни е голема преобразба и информираност за своите права. Според истражувањата, 2/3 од македонските потрошувачи не ги знаат своите права!!!

Со Законот за заштита на потрошувачите[19] се утврдени правата на потрошувачите, условите и начинот на заштита на потрошувачите, условите за трговско работење што се од значење за заштитата на правата на потрошувачите, правата и обврските на здруженијата на потрошувачите и надлежностите на органите на државната управа во однос на заштитата на потрошувачите. Примената на овој Закон, што ја регулира проблематиката на заштитата на потрошувачите, не влијае на правата што ги имаат потрошувачите врз основа на другите закони.

Основните осум потрошувачки права се усвоени од страна на Генералното собрание на ООН во 1985 година. Тие претставуваат основа за

[19] Службен весник на РМ бр.38/2004

донесување на законска регулатива за заштита на потрошувачите во земјите од Европската унија и во светот, како и во Република Македонија.

Осумте основни потрошувачки права во РМ се:[20]

- Обезбедување на основните потреби на граѓаните за достапност на најнужните производи и услуги: храна, облека, станбен простор, здравствена заштита, образование и хигиена.
- Надомест на штета– право на надомест на штета за производи или услуги кои имаат несоодветен квалитет и од кои е предизвикана штета.
- Безбедност на производите и услугите– право на купување и користење на безбедни и сигурни производи и услуги кои нема да го загрозат здравјето или животот на потрошувачот при нормална употреба.
- Информираност – право на вистинито и навремено информирање преку медиумите, списание за потрошувачи, компаративно тестирање на производи и услуги, брошури и слично.
- Создавање на механизми за учество на граѓаните – потрошувачи во креирањето и спроведувањето на политиката за заштита на потрошувачите на сите нивоа, кога се одлучува за нивните економски интереси и здравјето.
- Образование – едукација на потрошувачите за нивните права, преку образовниот процес, почнувајќи од најмалите потрошувачи- децата, па сè до едукација на одредени групи потрошувачи.
- Избор – можност за избор помеѓу повеќе производи и услуги со гарантиран квалитет, по пристапни цени.
- Здрава животна средина– право на живот и работа во средина која не претставува опасност за животот и здравјето на граѓанинот.

Во случај кога Вашите права се повредени, можете да се обратите, односно да доставите поплака до надлежните инспекциски служби: Државен пазарен инспекторат, Државен санитарен и здравствен инспекторат, Државен инспекторат за животна средина, Дирекција за храна- инспекција за храна, Државен ветеринарен инспекторат, Државен градежен инспекторат, Државен комунален инспекторат и др.

Во таа насока, “ златните правила“ на кои потрошувачот треба да обрати внимание при купување на производите или услугите се:

[20] Промотивен материјал на ОПМ за правата на потрошувачите во РМ

- **Образованиот потрошувач** е заштитен потрошувач! Преку образованието потрошувачите можат да научат како да откријат измама или други злоупотреби и да станат свесни за можностите за отштета.
- Потрошувачот треба да знае дека трговецот е должен видливо да ја истакне **цената** на секој производ и услуга!
- Потребно е секогаш да се чита **декларацијата** (известувањето) за производот, бидејќи е важна, и треба да се истакне на видливо место на производот!
- Секој треба да ја побара и да ја чува својата **сметка**, бидејќи таа му овозможува да ги оствари своите права!
- Ако потрошувачот купи производ кој има недостаток, има право на **рекламација**, има право да го замени и има право да му бидат вратени парите.
- Сè што е напишано на производот е многу важно! Важно е да се обрне внимание на сите податоци истакнати на производот кој го купуваме или на договорите /гаранциите кои ги потпишуваме, без оглед на тоа колку се **ситно напишани**!
- Барајте **гарантен лист** и упатство за употреба на производот на македонски јазик. Доколку производот нема такво нешто, известете ја Пазарната инспекција
- Кога користите услуги на туристичка агенција, секогаш склучувајте **договор**. Барајте програма за услугата.

Заклучок

Потрошувачот е многу значајна личност или бизнис! Потрошувачот не зависи од компанијата, таа зависи од него! Потрошувачот не е нешто што ќе ја запре работата на компанијата, туку тој е цел на работењето на компанијата! Потрошувачот е дел од бизнисот, тој не е личност која не е прифатена. Потрошувачот не е само лице што дава пари. Тој е човечко суштество со чувства и треба да биде третиран со почит. Потрошувачот е лице кое доаѓа во компанијата со свои потреби и желби. Работа на компанијата е да ги задоволи тие потреби и желби! Потрошувачот секогаш е во право!!! Потрошувачи имате свои права- остварете ги!

Производите доаѓаат и си одат. Натпреварот помеѓу компаниите е да ги задржат нивните потрошувачи подолго од колку производите. Треба да се следат животниот циклус на пазарот и животниот циклус на потрошува-

чот многу повеќе отколку животниот циклус на производот. Некој во Ford резонирал " Доколку не сме "возени" од потрошувачите, ни нашите автомобили нема да бидат возени."[21]

RIGHT AND THE PROTECTION OF THE CUSTOMERS

Summary

The consumer is a very important person or business! The consumer doesn't depend on company, but vice versa, the company depends on him! The consumer will not cease the work of company: on contrary, he is the aim of company's work! The consumer has to be a part of the business, and well accepted by it. The consumer is not only a person that gives money. He's a being with feelings and should be treated with respect. The consumer is a person with its own needs and wishes. The main objective of the company is to satisfy these needs and wishes! The consumer is always right! Consumers you have your own rights – realize them!

Products come and go. A company's challenge is to hold on to its customers longer than it holds on to its products. It needs to survey the market life cycle and the customer life cycle more than the product life cycle. Someone at Ford realized that: "If we're not customer driven, our cars won't be either."[22]

Key words: *consumer, consumer rights, consumer protection, consumerism, organization for consumer protection*

Литература

1. Matin Khan, *Consumer behaviour and advertising management*, New Age International, 2006
2. Philip Kotler, *Marketing Insights from A to Z*, John Wiley & Sons, New Jersey, 2003
3. Роџер Д. Блеклевел/ Пол В. Миниард/ Џејмс Ф. Енџел, *Однесување на потрошувачите*, деветто издание
4. Б. Јаќоски,С. Ристевска-Јовановска *Однесување на потрошувачите,* Скопје, 2009

[21] Philip Kotler, Marketing Insights from A to Z, 2003, стр. 37
[22] Philip Kotler, Marketing Insights from A to Z, 2003, стр. 37

5. Деловен документ на ОПМ- Стратешки план на ОПМ за периодот 2007-2010 год, Скопје, 2007
6. Закон за заштита на потрошувачите (Сл. Весник на Р. Македонија, бр.38/04 од 17.06.2004 година)
7. Закон за изменување и дополнување на законот за заштита на потрошувачите (Сл. Весник на Р.М, бр.103/08 од 19.08. 2008 год)

Интернет

1. www.opm.org.mk
2. www.potrosac.hr
3. www.xs4.b92.net
4. www.scindeks.nb.rs
5. www.consumersinternational.org
6. www.bgpotrosac.org.rs
7. www.ceps.rs
8. www.kapital.com.mk
9. www.index.hr
10. www.makdenes.org
11. www.poslovniforum.hr
12. www.consumer.org.rs

005 : 378

Елизабета СТАМЕВСКА

НЕКОИ АСПЕКТИ НА МЕНАЏМЕНТОТ ВО ПРИВАТНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ

Апстракт

Во трудот е даден осврт на менаџирањето во приватниот универзитет, со елаборирање на одредени аспекти на менаџментот во ваков тип на организација.

Најпрво е прикажан концептот на менаџирање во приватната високообразовна институција. Во продолжение се опишува процесот на раководење, каде се дефинираат и четирите основни менаџерски функции: планирање и донесување одлуки, организирање, водење и контролирање. Потоа се објаснети основните менаџерски улоги и вештини. На крајот дадена е дескрипција и експликација на квалитетите, кои што менаџерот треба да ги поседува за успешно да раководи.

Клучни зборови: *менаџирање, менаџер, приватен универзитет, менаџерски улоги, менаџерски вештини, квалитети на менаџерот.*

Вовед

Менаџментот е универзален процес и може да го примени секоја индивидуа, се применува во семејството, во сите организации од профитниот и непрофитниот сектор, во училиштата, универзитетите, болниците, уметничките галерии, црквите, локалните и државните агенции, во сите големи и мали фабрики, услужни дејности, насекаде каде што работи и живее човекот.[1]

Менаџирањето обично се дефинира како процес на извршување на работите со помош на други. Пред скоро сто години социологот Фредерик Тејлор, го дефинирал раководењето како умешност ,, да се знае што точно сакате да направат луѓето и да осигурате тие да го сторат тоа на најдобар и најефтин начин,,.Тоа исто така е објаснето и како уметност и наука на извршување на работите со посредство на други. Меѓутоа, менаџирањето е

[1] Williams, Kate, *Introducing Management*, Third Edition: A development Guide (Paperback – May 18, 2006)

многу посложен процес, отколку што може да се заклучи само врз основ на оваа дефиниција. Всушност, умешноста на менаџментот се огледува во помирувањето на спротивностите и разликите, изнаоѓањето компромис, комбинирањето на културите.

Менаџментот е специфичен орган на институцијата, претпријатието или непрофитната установа. За да функционира една организација треба да функционира и нејзиниот менаџмент. Тој претставува општествена положба, условена од културата и подложна на традиционалните вредности и навиките во општеството.

Менаџментот се разликува од класичната интерпретација за раководење и управување по тоа што неговата цел не е да се мисли и делува само во оквирот на дефинираните организациски структури и формализираните патишта на одлучување.

Напротив, за исполнување на задачите на менаџментот мошне важно е користењето на соодветен маневарски простор за одлучување и делување, поврзано со непосредната одговорност за последиците на донесените одлуки.

Менаџментот се базира на внатрешните и надворешни стимуланси на раководниот кадар. Тој бара подготвеност на перманентно учење и деловен ризик и претпоставува брзо препознавање и оценка на промените во организацијата и нејзиното опкружување. Во таа смисла менаџментот е битна претпоставка за свесно делување во организацијата.

Предизвикот на внесување на новини е развојна компонента и погонска сила на работата на активните, самоуверени менаџери. Главна задача на менаџерот е на системски, континуиран, динамичен и законит начин, со користење на меѓусебно поврзани концепции, јавни и легални методи, техники и тактики на менаџирање, плански и одговорно да ги насочи активностите на сите структурно пониски организациски единици во правец на остварување на конкретно поставените цели и задачи. На ниво на управување со кадрите тоа подразбира, пред се, задача на водење и мотивација, за да се постигне успех на организацијата.

1. КОНЦЕПТ НА МЕНАЏИРАЊЕ ВО ПРИВАТНАТА ВИСОКООБРАЗОВНА ИНСТИТУЦИЈА

Не постои сомневање дека менаџирањето во приватна високообразовна институција е многу деликатна и сложена работа, која што влијае на атмосферата, моралот и развојот на човечките ресурси во институцијата. На современите менаџери најмногу време им одземаат работите поврзани со персоналните односи, кои објективно се и најважните приоритети, со акцент

на развојот и успешноста на вработените, а од аспект на нивно етичко, комуникациско и професионално надоградување.

Сигурно дека меѓу основните барања на менаџирањето во една ваква организација спаѓаат организациските и управувачки способности. Така, вештината станува колосален предуслов на раководењето. Постојат и други битни елементи, како што е искуството, од кое јасно извира самодовербата, а како посебен квалитет во менаџирањето се истакнува и важноста на истанченото чувство на одговорност за работата.

Еден од примарните предуслови за успех на менаџерот, посебно во извршувањето на задачите и целите поврзани со самата организација е пренесувањето на работата и овластувањата, како и делегирањето. За делегирање се третира начинот на пренесување на овластувањата и работата на други, но и децентрализација на активностите, обврските и одговорноста. Менаџерот мора да има доволно доверба во своите соработници, за да им ги делегира и пренесе овластувањата, кои им се нужни за ефикасно извршување на задачите во организацијата. Во спротивно, нема да има доволно време за основната функција: да планира, да мисли однапред, критички да ја перцепира работата на вработените во институцијата и соодветно да го вреднува нивниот вложен труд.

Во организациска смисла на приватната високообразовна институција преовладува линиски (хиерархиски) систем на раководење, со елементи на кооперативност. Се работи за менаџмент со строго централизиран организациски принцип. Централното место во организацијата го има врховниот менаџмент, составен од менаџери од највисок ранг: претседател на управниот одбор и генерален директор - CEO (Chief Executive Officer). Паралелно со врховниот менаџмент, односно како негов дел, се наоѓа ректорот на универзитетот. Тој раководи со работата на ректорската управа во која влегуваат проректорите, генералниот секретар и деканите на факултетите.

Претседателот на управниот одбор е најважната и највлијателна личност во креирањето на целта и стратегијата на институцијата, а истовремено е и најодговорен за нејзино спроведување. Всушност, најзначајните одлуки за работењето на приватниот универзитет се донесуваат на релација претседател на управен одбор- ректор и ректорска управа, кои заедно чинат една целина. Понатаму, тие се пренесуваат од највисокото на средното ниво на менаџмент, кое е одговорно за спроведување на политиката и плановите донесени од главните менаџери и координирање на активноста на оперативните менаџери. Оперативните менаџери се наоѓаат на најниското ниво на хиерархиската скала на менаџирање и нивна задача е да вршат надзор на работата на непосредните извршители.

Со оглед на тоа што целокупната активност се насочува и води од едно место, од врвот на хиерархијата, тоа бара нагласена универзалност, образова-

ност, висока професионалност, стручност и авторитет на раководната структура. Транспарентноста на менаџерот и постојаната комуникација со сите нивоа на менаџментот е битен елемент на кооперативниот систем на раководењето. Така, менаџирањето треба да биде и задоволство, бидејќи исфрустрираните претпоставени не се добри менаџери.

Менаџирањето во приватниот универзитет, можеби најдобро е сфатено од перспектива на обезбедување на ресурси. Всушност, сите организации користат четири важни ресурси од нивното опоружување: човечки, финансиски, физички и информациски.

Човечките ресурси вклучуваат талент за раководење и работа. Финансиските ресурси се средства употребени од организацијата за финансирање на моментални и долгорочни акции. Физичките ресурси се однесуваат на материјалот, канцелариските и сервисни простории и опрема. Информациските ресурси, пак, претставуваат расположиви бази на податоци, потребни за донесување на ефективни одлуки.

Менаџерите се одговорни за раководење и комбинација на овие различни ресурси, за да се постигнат зацртаните цели на организацијата. На пример, претседателот на управен одбор (генерален мененаџерот) на еден приватен универзитет би можел да ги употреби своите наставници (човечки ресурси), донацијата од невладина организација (финансиски ресурси), постоечките предавални, техничката опрема (физички ресурси) и учебниците и учебните помагала (информациски ресурси) за да започне програм за стипендирање на најдобрите матуранти од средните училишта на факултетите на универзитетот.

Како менаџерите ги комбинираат и координираат различните врсти на ресурси?

Тие го прават тоа со спроведување на четирите основни функции или активности на менаџирањето:

- Планирање и донесување на одлуки
- Организирање
- Водење
- Контролирање

Всушност, менаџирањето, во секоја организација, може да се објасни како збир на активности (планирање и донесување одлуки, организирање, водење и контролирање), реализирани со помош на ресурсите (човечки, финансиски, физички и информациски), на ефектен и ефикасен начин насочени кон постигнување и реализирање на целите на организацијата.

Последната фраза во оваа дефиниција е посебно важна, бидејќи тоа ја нагласува основната суштина на менаџирањето – да се осигура дека целите

на организацијата се постигнати на ефикасен и ефектен начин. Под ефикасен се мисли мудра употреба на ресурсите и оправдано трошење на средства, а под ефектен се подразбира донесување на правилни одлуки и нивно успешно инплементирање.

2. ПРОЦЕС НА РАКОВОДЕЊЕ ВО ПРИВАТНАТА ВИСОКООБРАЗОВНА ИНСТИТУЦИЈА

Предходно споменавме дека менаџирањето се состои од четири основни функции: планирање и донесување одлуки, организирање, водење и контролирање.

2.1. Планирање и донесување одлуки: Одредување на текот на активноста

Во својата наједноставна форма, планирањето во приватна високообразовна институција, како и во секоја останата сложена организација, значи поставување на целите на организацијата и одлучување како тие да се остварат на најдобар можен начин. Донесувањето одлуки, како дел од процесот планирање, го вклучува изборот на текот на активностите од мноштвото алтернативи.

Планирањето и донесувањето одлуки му помага на менаџерот да ја одржи раководната ефектност, работејќи како лидер за идните активности. Планирањето е ментален процес, кој бара употреба на способности како што се имагинација, визионерство и здраво расудување. Доколку планот не е добро осмислен ќе предизвика губење на време, напор и финансиски средства поради дуплирање на капацитетите и преклопување на работата и одговорноста. Правилната распределба на човечките и материјалните ресурси помага да се постигнат саканите цели. Планот му овозможува на менаџерот да ја осмисли и види иднината во сегашно време. Ова допушта визионерски пристап и преземање чекори да се креира иднината на институцијата. Повеќето менаџерски планови ги содржат следниве заеднички елементи:

- Цел и оддалеченост на целта
- Проценка на опкружувањето
- Проценка на организациските сили и слабости
- Проценка на постоечките и потребните ресурси
- Серија задачи, кои ќе ја водат организацијата кон постигнување на целта
- Механизам за мерење на прогресот

Целта, која ја поставува менаџерот во институцијата треба да биде мерлива и секогаш кога тоа е можно таа треба да се се планира изразена во нумерички вредности и проценти. Разбирливо е дека некои цели не можат

нумерички да се измерат, но мораат јасно да се постават, за да се остварат. Временски ограничената цел има рок на остварување. Рокот ги мотивира луѓето кои треба да ја достигнат целта. Тоа иницира итност и енергија. Роковите, исто така, се врзани бидејќи повеќето планови специфицираат дека одредени задачи мора да бидат завршени до одреден датум, за да се постигне саканата цел. Многу е битно целите да бидат објективно поставени, односно да се доволно големи за да ги инспирираат луѓето, но и доволно реални, за да бидат остварливи. Малите цели никого не инспирираат, а големите цели создаваат чувство на мисија, кое произведува мотивација. Мотивацијата, пак, раѓа творечка енергија потребна да се достигнат најдобрите резултати.

Целите се најмоќни кога се „паметни„ како што укажува Chris Fill во својата кратенка **SMART** [2]:

- **S**pecifik - Специфични
- **M**easurable -Мерливи
- **A**chievable - Достижни
- **R**ealistic - Реални
- **T**argeted, Timed - Таргетирани, временски одредени

2.2. Организирање: Координирање на активноста и ресурсите

Менаџерот кога еднаш ќе ја постави целта и ќе развие реален план, преминува на следната негова функција, а таа е организирање на луѓето и другите ресурси неопходни за спроведување на планот. Посебно, организирањето заначи ускладување на активностите и ресурсите, на начин тие да се наоѓаат во најефектна спрега. Тоа бара соодветна распределба на работата меѓу вработените во организацијата.

Оперативните функции на приватниот универзитет се поделени по факултети, сектори, оддели и индивидуални задачи. За оваа цел менаџерот може да ги употреби законите, правилниците за работа, организациските шеми, стандардните правила за работа и слично. Линијата на делегирањето на работните задачи на вработените мора да биде јасно дефинирана, низ процесот на пренесување на овластувањата. Една важна работа во координирањето на активноста е да се определи до кој степен треба работата да биде централизиран.

Кога работата ќе се дистрибуира, на пример по факултетите или другите авторизирани оддели, стучните кадри се ангажираат таа да биде професионално, стручно и на време завршена. Затоа, за целокупниот персонал нужно е да се обезбедат потребните услови и опрема за работа, кои ќе овозможат ефикасно изавршување на поставените задачи. Значи, организирањето, меѓу другото,

[2]Chris Fill, Marketing communications – Contexts, Strategies and Applications, 3rd edition, p.321

претставува и обезбедување на вработениот кадар, кој треба да ја заврши работата, со сите ресурси неопходни да се остварат планираните цели и политиката на менаџментот на приватниот универзитет.

2.3. Водење (раководење): Професионални односи со вработените

Третата основна функција на менаџирањето е (рако)водењето. Некои луѓе ја третираат за најважна и најпредизвикувачка од сите менаџерски активности. Раководењето е умешност да се влијае на луѓето, така, да се добие нивната доброволна послушност, доверба и соработка, за да се оствари мисијата. Тоа е процес употребен со цел луѓето да работат заедно и да ги унапредуваат интересите на организацијата. Способните менаџери ја користат поддршката на вработените, кои всушност сакаат да работат за нив и тежнеат да им помогнат на таквите раководители да ги остварат своите замисли. Раководењето претставува насочување, мотивирање и надгледување на персоналот додека работи. Тоа вклучува издавање наредби и инструкции , насоки и упатства на вработените од страна на менаџерите кон остварување на целта, мотивирајќи ги, како нивни лидери, да дадат ефективен придонес во институцијата. Лидерство е кога менаџерите артикулираат јасна визија, стимулирање и овозможување на членовите на организацијата да ја сфатат улогата што ја играат во постигнување на целите на организацијата.[3]

Раководењето во приватниот универзитет значи и охрабрување на професионалноста и индивидуалната иницијатива, но значи и на луѓето да им се дозволи слобода на мислење и самостојно преземање на акции, како и да се поттикне креативноста и творештвото, со цел да се унапредат професионалните способности, а воедно и целокупниот развој на институцијата.

Така, формалниот хиерархиски авторитет се заменува со модерни концепции како мотивација, лидерство, комуникација,интерперсонални односи, тимска работа.[4]

2.4. Контролирање: Надгледување и оценување на активноста

Финализацијата на раководниот процес на приватниот универзитет е контрола и надзор на организацискиот процес, за да се остварат целите . Како што организацијата тенденциозно напредува кон остварување на целта, менаџерите имплицитно го надгледуваат развојот на институцијата, за да се осигураат дека индивидуалните елементи функционираат, согласно нивните

[3] Тодоров,Тодор (2007), *Менаџмент и менаџери,*ЕУРМ,Скопје, стр.20
[4] Bernard M.Bass, Ronald E.Riggio, *Transformation Leadership*, 2006

препораки, барања и очекувања. Контролирањето протежира ефективност и продуктивност, потребна за успешно раководење. Општо правило е дека треба да се дефинира стандардот на изведба за секој тип на работа, во контекст на квалитетот, квантитетот, цената и времето на завршување на дадената задача.

Операционата контрола е една од важните функции во менаџирањето во приватната високообразовна институција, бидејќи вклучува проценка и подобрување на делувањето во организацијата, во насока на остварување и реализирање на приоритетите. Спрема тоа, планирањето и организирањето се беззначајни без развој на контролните механизми, за водење и регулирање на работата во високообразовниот процес.

3. ОСНОВНИ МЕНАЏЕРСКИ УЛОГИ И ВЕШТИНИ

Без разлика на нивото кое им е доделено во хиерархијата на менаџментот и степенот на одговорност кој го имаат во организациската поставеност, ако сакаат да бидат успешни менаџерите мора да играат одредени улоги во организацијата и да поседуваат извесни вештини.

3.1. Раководни улоги

Спрема Henry Minzberg современиоте менаџери играат десет различни улоги, кои можат да се поделат на три основни категории: интерперсонални, информациски и оние кои се однесуваат на донесување на одлуки.

.

3.1.1. Интерперсонални улоги

Постојат три интерперсонални улоги кои се својствени на работата на менаџерите. Прво, од менаџерот често се бара улога во формално својство, како водење странки на вечера, присуство на церемонии и слично. Се работи за таканаречени манифестациски улоги. Од менаџерот, исто така, се очекува да делува како лидер, кој ги избира, тренира и мотивира вработените. Во овој контекст, станува збор за улоги кои се карактеризираат како едукативни и стимулативни. Менаџерот формално или неформално им покажува на вработените да направат одредени работи, како да ја сочуваат професионалната компетенција и да работат под притисок. Тоа се рутинирани улоги на менаџерите. Менаџерите можат да имаат и улоги на врска. Овие улоги вклучуваат нивно делување како координација или врска меѓу луѓето. На приватниот универзитет, на пример, деканите на факултетите делуваат како координатори или врски меѓу наставниците и управата. Тие редовно се состануваат, за да го координираат наставно – образовниот процес и на тој начин служат како сврзно ткиво на своите факултети.

3.1.2. Информативни улоги

Три информативни улоги природно произлегуваат од итерперсоналните улоги. Процесот на изучување на овие улоги ги стават менаџерите на стратешка позиција да собираат и шират информации. Првата информативна улога е улогата на посматрач, оној кој активно ги истражува информациите, што можат да бидат од значење за организацијата. Менаџерот ги подпрашува вработените, скоро секогаш е подготвен да ги перцепира и авторизира сите оние кои му детерминираат информации и се обидува да ги акумулира истите. Тој е, исто така, има улога на емитер и диспечер на информациите на оние на кои им се нужно потребни. Кога улогите на посматрач и емитер се гледаат заедно, менаџерот се јавува како значајна алка во организацискиот ланец на комуникациите. Третата информативна улога е фокусирана на екстерна комуникација, со луѓето надвор од организацијата.

3.1.3. Улоги за донесување одлуки

Менаџерските информативни улоги типично водат кон улогите за донесување одлуки. Информацијата стекната од страна на менаџерот, а како резултат на вршењето на информативната улога има големо влијание на важните одлуки што тој ги донесува. Minzberg идентификува четири улоги за донесување одлуки. Прво, менаџерот има улога на претприемач, доброволен иницијатор на промените или оној кој развива нови идеи за иновации. Второ, тој има улога на решавач на конфликти помеѓу вработените во организацијата. Третата улога во донесувањето на одлуките е улогата на алокатор на изворите (ресурсите**).** Менаџерот одлучува за тоа како ресурсите ќе бидат дистрибуирани и кои индивидуи ќе ги оформат најдобрите работни тимови. Четвртата улога кај донесувањето одлуки е улогата на преговарач**.** Во оваа улога менаџерот пристапува кон преговарање со други организации како претставник на организацијата на која што припаѓа. На приватниот универзитет претседателот на управниот одбор, генералниот директор или ректорот, во зависност од потребите на институцијата, како менаџери од својот делокруг на работа преговараат за деловна соработка со други високообразовни институции и организации од земјата и странство.

3.2. Вештини во менаџирањето

Покрај исполнувањето на бројните улоги менаџерите, за да успеат во работата, треба да поседуваат и одреден број на специфични вештини. Диференцирани се четири важни типови на вештини во менаџирањето, како предуслов за успешност и тоа: технички, итерперсонални, концептуални и дијагностички.

Воопштено, менаџерите од најнискиот степен на менаџирање повеќе зависат од своите технички и интерперсонални вештини, а помалку од останатите два типа на вештини. Менаџерите од врвот на хиерархијата тежнеат да покажат обратна комбинација, со понагласен акцент на концептуалните и вештините на дијагностицирање и нешто помала зависност од техничките и интерперсонални вештини. За менаџерите, пак, од средното организациско ниво повеќе се бара еднаква застапеност на сите вештини.

3.2.1. Технички вештини

Техничките вештини се неопходни за да можат да се извршат и разберат специфичните типови на работа кои се вршат во една организација. Менаџерите во една приватна високообразовна институција треба да имаат технички вештини неопходни за нивната професија. Техничките вештини се извонредно важни посебно за менаџерите од првиот степен од хиерархијата на раководење, за да одговорат на барањата и проблемите врзани за работата. Тие за да станат ефективни раководители мораат да знаат да ги упатат службениците како да ги извршуваат задачите, кои им ги доделуваат.

3.2.2. Интерперсонални вештини

Менаџерите значајно време поминуваат контактирајќи со луѓето не само внатре туку и надвор од организацијата. Поради овие очигледни причини на менаџерот му се потребни и интерперсонални вештини, т.е. способност да конуницира, да ги разбира и мотивира индивидуите и групите. Како што се качува на организациската скала, тој мора да биде способен да ја усогласи својата работа со подредените службеници, еднаквите по функција и со менаџерите на повисоко ниво во хиерархијата на приватниот универзитет. Со оглед на повеќето улоги кои мора да ги исполни, менаџерот треба да е умешен да работи со јавноста, односно странките. Една од причините зошто менаџерот треба да поседува високи интерперсонални вештини е фактот што тој треба да ги мотивира вработените и да ја инспирира нивната лојалност кон организацијата.

3.2.3. Концептуални вештини

Концептуалните вештини алудираат на менталната способност на менаџерите, особено на оние на врвот од хиерархијата. Менаџерите треба да имаат развиени когнитивни способности, за да можат да ја разберат сеопфатната дејност на универзитетот, да ја исхармонизираат работата на сите факултети, оддели и сектори заедно и да ја посматраат институцијата како компонента на

целокупната заедница. Концептуалните вештини им овозможуваат да мислат стратешки, да гледаат во крупен план и да донесуваат важни одлуки кои ќе и служат на организацијата и на општеството во кое живеат и работат.

3.2.4. Дијагностички вештини

Менаџерите, кои се успешни во работата поседуваат и дијагностички вештини или вештини кои им овозможуваат да го детектираат проблемот и најсоодветно да реагираат во дадена ситуација. Лекарот ја дијагностицира болеста на пациентот анализирајќи ги симптомите и одредувајќи ја можната причина за нивното појавување. Слично на ова, менаџерот може да го дијагностицира и анализира проблемот во организацијата, а после тоа да даде решение за негово надминување. На пример, генералниот менаџерот забележува дека во еден оддел на универзитетот има висока флуктуација на вработените. Тој ја дијагностицира ситуацијата и доаѓа до заклучок дека флуктуацијата ја предизвикала една од трите причини и тоа: незадоволството од условите за работа, преобемните работни обврски или раководителот на одделот со слаби интерперсонални вештини. После извршениот информативен разговор со неколку вработени тој донесува заклучок дека проблемот е во слабите интерперсонални вештини на раководителот. Затоа, го распоредува на работно место кое бара помалку интеракција со луѓето и проблемот со флуктуацијата на вработените набрзо исчезнува. Способноста да дијагностицира му овозможува да го дефинира проблемот, да ги препознае неговите можни причинители, да се фокусира на нив и на крајот успешно да го реши истиот.

4. КВАЛИТЕТИ НА МЕНАЏЕРОТ

Менаџерот во приватниот универзитет мора да ја култивира својата способност на највисок степен и да ги почувствуваа потребите на студентите во општеството, кои директно влијаат на неговата работа. Кај него треба да постои визија, во смисла на оживување на динамичните промени во високообразовниот систем, кои се наметнуваат со текот на времето и да држи чекор со современите високообразовни текови во светот.

Приватните високообразовни институции секогаш се под сондажа на острото око на јавноста и од таму разбирливо е тежнеењето на менаџерите да дадат нешто повеќе, подобро и поквалитетно во сферата на високото образование. Она што треба да се нагласи е ноторниот факт дека приватното високо образование се јавува како природна потреба на граѓаните во општеството, да можат да изберат во каква високообразовна институција ќе се школуваат . Оттука и на менаџерите кои раководат со институциите од ваков тип спонтано им се наметнува обврската да поседуваат високо професионални и

етички кавалитети, за да можат успешно да ја вршат својата работа и да ја оправдаат довербата на студентите кои студираат кај нив.

4.1. Лични квалитети

Една од важните задачи на менаџерот од сите нивоа на хиерархиската поставеност во организацијата е да обезбеди вработените да ја завршат работата што е можно поквалитетно и поекономично. За таа цел менаџерите треба да поседуваат лични квалитети. Тие вклучуваат способност за раководење, здраво расудување, тактичност, самодисциплина, храброст, разбирање на вработените и човечката природа, добра вештина во комуницирањето, способност за убедување, ентузијазам за доверената задача, чувство за правда и фер-плеј, иницијатива, точност, пријатен начин на однесување, морал и етика. Со повеќето од овие квалитети сме родени или тие се развиваат во текот на созревањето на карактерот и личноста, а некои од нив можат да се научат или подобрат низ пракса и учење.

4.2. Образование

Менаџерот во една организација треба да поседува здрава образовна основа. Менаџирајќи со вработените и управувајќи со ресурсите, тој треба да има солидно познавање за социјалното, економското и политичко опкружување, кое ќе го користува во професионалните релации со персоналот и пошироко, со студентите, деловните соработници и воопшто со јавноста. Менаџерот, во приватниот универзитет, пред се, треба да биде добро упатен во системот на високото образование, процедурите и законот и општествените тенденции, за да може да одговори на задачите и барањата кои произлегуваат од неговата функција, во самата организација и надвор од неа.

4.3. Искуство

Успешниот менаџер потребно е да има широка и разноврсна основа на професионално искуство. Искуството во работата иако само по себе не гарантира успех, сепак е тесно поврзано со напредокот во кариерата. Со право може да се рече дека искусниот раководител со повеќе самодоверба, умешност и знаење се справува со проблемите кои искрснуваат во неговата работа и изнаоѓа решенија за нивно надминување.

4.4. Професионални интереси

За да постигне успех во работата менаџерот во приватниот универзитет треба да биде во тек со најновите трендови во високото образование, во средината каде што работи, општеството, но и во светот, воопшто. Така, неговите професионални интереси растат и се збогатуваат, развивајќи се во насока на експанзија и проширување на делокругот на делување. Пред менаџерот се наметнува обврската да ги развие и реализира своите идеи, со што ќе придонесе за иден просперитет на институцијата.

Заклучок

Природната комплицираност на функцијата менаџер во една приватна високообразовна институција поставува огромни барања пред него. Зголемената сложеност на работата предизвикана од брзите општествени и технолошки промени наметнува континуиран предизвик за менаџерот. Неговата работа е непредвидлива и полна со предизвици и апсолутно неопходно е за еден мудар раководител, во ваков тип на организација, да биде што е можно подготвен да се носи со барањата на професијата.

Многу карактеристики, кои придонесуваат за комплексност и неизвесност во професијата менаџер во приватен универзитет произлегуваат од опкружувањето во кое институцијата функционира, како и од начинот на спроведување и водење на процесот раководење, поточно, планирање, донесување олуки, организирање и водење на човечките, финансиски, физички и информациски ресурси, употребени од страна на организацијата, за да се пружат услуги на студентите.

Факторите на опкружувањето перманентно се менуваат и менаџерот треба во вистинско време, соодветно да реагира. Затоа, потребно е детално да го познава опкружувањето во кое работи. Менаџерот треба да биде способен да го прилагоди својот персонал и средствата кон промените во опкружувањето.

Јасното разбирање на целите кои сака да ги постигне и ресурсите потребни за истите да ги оствари, се основната грижа која му се наметнува во неговата работа. Тој има зона на одговорност, активност и функција, за која директно е одговорен, пред себе и пред другите.

Summary

The natural complexity of a managing position in the private higher-educational institution poses an enormous challenge for the manager. The increased intricacy of working in a fast and ever-changing social and technological environment demands a great deal of effort on the manager's part. It is an unpredictable and a challenging job, which, in the case of such institutions, requires a wise manager who is able to answer to the tasks at the working place.

Many characteristics which contribute towards the complexity and uncertainty in managing a private higher-educational institution sistem from its working environment as well as the method of running the managing process i.e. planning, decision-making, organizing, managing the human, financial, physical, and informational recourses used by the organization, all in order to provide students with necessary services.

Environment factors change continuously, therefore, the manager must react timely and appropriately. Consequently, the manager should have detailed knowledge of the environment. The manager should know how to make the best use of the available means and personnel to respond to the changing environment.

A clear understanding of the specified goals as well as the necessary resources for their accomplishment is the manager's primary concern. The manager's position brings along a range of responsibilities and duties for which he is directly accountable both to himself/herself and the others.

Литература

1. Bernard M.Bass, Ronald E.Riggio, *Transformation Leadership*, 2006 Bernard M.Bass, Ronald E.Riggio, *Transformation Leadership*, 2006
2. Chris, Fill, *Marketing communications – Contexts, Strategies and Aplications*, 3rd edition
3. Наумовска, Лидија, *Менаџмент на човечки ресурси*, ЕУРМ, Скопје, 2008
4. Тодоров,Тодор, Димков, Димо, *Менаџмент,*ЕУРМ, Скопје, 2006
5. Тодоров,Тодор, Топаловска,Марина, *Менаџмент и менаџери,* ЕУРМ, Скопје, 2007
6. Шуклев, Бобек, *Основи на менаџмент*, Економски факултет, Скопје, 2004
7. Williams, Kate, *Introducing Management*, Third Edition: A development Guide (Paperback – May 18, 2006



ФАКУЛТЕТ ЗА
ПРАВНИ НАУКИ

342.84

Проф д-р **Ѓорѓи СПАСОВ**

ПОПУЛИЗМОТ- ИДЕОЛОГИЈА ИЛИ ИЗБОРНА СТРАТЕГИЈА

Апстракт

Популизмот е склоп на идеи и активности чија намера е да се задоволат основните желби и потреби на народот. Реторикатa на популизмот инсистира на поделбата на народот на корумпирана елита и на народ.Основните одлики на овој „изборен молотов коктел„ со кој голем број партии и движења во посткомунистичките земји ја освојуваат власта, но исто така и во земји на Западна Европа и во третиот свет, покрај антикорупциската реторика се: економскиот егалитаризам, страстен (и јасен) радикализам, балансиран(умерен) евроскептцизам и антикапитализам, културен конзервативизам, и декларирaн (изразен, јасен) национализам. Популистичките движења и партии почиваат на антилиберална логика и се во суштина антидемократски. Заради големите и нереални ветувања на популистите тие не се во состојба да ја зачуваат власта на долг рок, без воведување (користење) на авторитарни методи за владеење.

Клучни зборови: *популизам, политика, власт*

Популизмот кај нас се толкува како политика која е насочена кон измама на народот. Популисти се нарекуваат луѓето што со лага и манипулација се обидуваат и успеваат да ја освојат власта на изборите па и да владаат со лажни ветувања се додека не бидат фатени на дело.

Но ако е тоа така, тогаш се поставува прашањето како тоа им успева на популистите? Дали е народот глуп или лековерен? И како да се заштити од следните популисти?

Многу интересен одговор на овие прашања има дадено аналитичарот од Центарот за либерални студии во Бугарија, професорот Иван Крстев.

Според него, популизмот се јавува како редовна појава во општествата во кои кај народот постоело големо незадоволство од претходната власт. Во земјите од Источна Европа, популизмот е нуз- производ на бранот на демократијата од 90тите години, и на медиумската демократија.

Најчеста цел на популистичката револуција е ,,да се спречи враќањето на власт на корумпираното малцинство- кое владеело со години пред тоа. Тоа е маркетиншка стратегија за освојување на власта пред се од страна на десницата во посткомунистичките земји.[1]

Главната тема на популистите е борбата против корупцијата. Тие користат едноставна и разбирлива формула за народот во однос на она што му се случува. За популистите општеството е поделено на две групи. На обичен народ и на корумпирана елита . Во оваа смисла популизмот успешно го користи и левицата во Латинска Америка. Изборниот слоган на Хуго Чавез беше: ,,Ајде да се ослободиме од нив,,. Кои се тие, знае народот.

Популистите победуваат на изборите како антикорупциско движење. Нивната цел е на изборите корумпираната власт да се замени со чесни политичари. Со тие слогани победуваат низа партии во посткомунистичките земји. Во Полска (Партијата на правдата на браќата Качински) партијата на боксерот Мечијар во Словачка, но и партиите за национално единство на некои други боксери во регион.

Во реториката на популистите, работите се поедноставени.

1. Тие не ја доживуваат корупцијата како проблем на институциите и не сметаат дека решението е во транспарентноста на политиката и во институционалните реформи. За нив, како и во очите на народот, корупцијата е проблем на моралот и за да се ослободиме од неа потребни се само чесни луѓе на власт. (морална обнова на оштеството)
2. Тие не сметаат дека со антикорупциската политика треба да се обезбеди фер распределба во општеството туку говорат дека со неа ќе се оневозможат социјалните разлики.
3. Тие не сметаат дека корупцијата е овозможена со тоа што државата е гломазна и што има големи овластувања врз бизнисот и дека решението треба да се бара преку натамошна приватизација и смалување на државната администрација. За нив моќта на приватниот сектор е причина за корупцијата и бараат ревизија, понишување на (скандалозните) приватизации.
4. Додека во развиените демократии антикорупциската политика се користи за легитимирање и за зацврстување на капитализмот односно за создавање на фер односи на пазарот, популистите се свесни дека во посткомунистичките земји, мнозинството смета

[1] Ivan Krastev:The new Europe: respectable populism, clockwork liberalism, http://www.opendemocracy.net/author/ivan-krastev

дека капитализмот е резултат на ,,заговорот,, против неговите интереси односно интересите на сиромашното население. Тоа мнозинство битката против корупцијата ја гледа како прилика да го делегитимира (да го прогласи за незаконски и неоправдан) капитализмот без да ризикува да биде обвинето за комунизам или за други инфективни болести.

5. Борбата против корупцијата го прави популизмот почитуван и затоа секој напад против популистите се доживуваа како борба за одбрана на поткупливите и корумпираните.

Бидејќи популистите ја сваќаат политиката како судир меѓу народот и елитите на власт тие својата популарност ја градат врз недовербата кон политичките елити. Нивната победа на изборите е често сваќана како победа на народот во револуција. Затоа тие кога се на власт, ги слабеат институциите на либералната демократија, на независното судство, централната банка, независноста на медиумите и сл.

Популизмот често од неговите противници а пред се од приврзаниците на либералната демократија, со право се означува како недемократски. Но познатиот политолог и професор Ралф Дарендорф ќе рече дека ,,во политиката она што за некого е демократија за друг е популизам и обратно.[2]

Затоа денес во Македонија она што власта го прави за неа е демократија, а она што опозицијата го прави е популизам. И обратно.

Популизмот како маркетиншка стратегија користи два силни инструменти:

1. Користи емотивен, поедноставен и манипулативен јазик кој е насочен кон покренување на емоциите. А емоциите се тие што ќе го натераат човекот да дејствува политички во определена насока. Гласачите едноставно те сакаат или не те сакаат, независно од твојата програма.
2. Нуди постојано широко прифатливи политики, мерки (најчесто, нереформистички) со кои може да се купи подршката на народот.
3. Тој ја користи терминологијата на ,,конспирацијата,, на тајниот заговор. На пример. Ако некој паднал(можеби со авион), тој не прашува како се случило тоа, туку ,,Кој му го направи тоа на човекот?,, Тој не прашува "Зошто сме сиромашни?", туку "Кој е виновен за тоа што сме сиромашни"?

[2] Ralf Dahrendorf, Parties and populists, http://www.project-syndicate.org/commentary/dahrendorf53

4. Тој не е против избори. Тој ги сака изборите зошто често победува на нив со своите методи.

Со други зборови ,,демократската маска, привлечност на популизмот ја неутрализира критиката кај масите за неговата недемократичност,,. Едноставно, во определен момент, тоа народот го сака.

Кои се десетте елементи на волшебната формула на популизмот односно на оној изборен молотов коктел со кој популистите победуваат ?

1. Артикулација на автетничната лутина на народот. Предводење на револтот против елитите, заради изневерените очекувања, неостварените ветувања, корупција, привилегии и сл.
2. Манифестирање на невоздржана омраза кон елитите во општеството. Нивно криминализирање(обвинување за нечесност и криминал) и ветувања за нивно апсење.
3. Замаглена политика (во неа можат да се најдат оправдувања за сите политики и однесувања по освојувањето на власта). Се ќе зависи од околностите.
4. Економски егалитираизам. Грижа за осиромашениот и напатен народ, ветување економска еднаквост. Ветувања за прерспределба на народното богатство ќое ќе се земе од оние што го ограбиле)
5. Страстен (и јасен) радикализам. Радикални промени, преродба, прсврт без милост без одложување, пресметка со оние што згрешиле особено од претходниот режим, лустарција, досиеа исл.
6. Балансиран(умерен) евроскептцизам и антикапитализам. Треба но не мора по секоја цена во ЕУ, можеме ако треба и сами, националните ресурси да се вратат во сопственост на државата да не е експлоатираат странските компании и домашните олигарси.
7. Културен конзервативизам. (жената треба да раѓа, црквата нуди спас, одбрана на кирилицата, одбрана од културниот империјализам и сл.
8. Декларирaн (изразен, јасен) национализам. Да се врати националната гордост.Обнова на митовите.Градење споменици, прослави, помени.
9. Прикриена ксенофобија (шовинизам). Владата да не зависи од никого. Никој да не може да ја уценува. Малцинствата и имигрантите се опасност која треба да биде под контрола.
10. Антикорупциска реторика.

Во некои земји на Латинска Америка во кои левите партии со својот популизам победуваат, тие успеваат пред се заради опасноста од враќање на колонијалните режими но заради револуционерната доследност и да ја задржат власта на долг рок. Но во посткомунистичките земји во кои обично десницата доаѓа на власт како популистичко па и револуционерно движење (како браќата Качински во Полска со нивната Партија на Правдата, поранешниот боксер во Словачка Мечијар и многу други) обично ја губат власта по првиот мандат.

Еден од најинтерсните примери во таа смисла е Националното Движењето на Симен Втори во Бугарија (НСВД). Ова движење кое доби дозвола да учествува на изборите на само три месеци пред изборите во 2001 година ги победи двете партии кои дотогаш сметаа дека само меѓу себе ќе се менуваат на власт. Неговата програма се сведуваше на ветувањето дека ќе обезбеди морална обнова на бугарското општество и дека ако Царот стане премиер, со неговите врски на Запад тој ке го забрза приближувањето на Бугарија до ЕУ. Но таа партија по четири години ги изгуби изборите а на последните парламентарни избори одржани неодамна не освои ниту еден пратенички мандат.

Ова покажува дека никој не треба да се надева на 100 години власт, бидејќи власта во посткомунистичките земји многу полесно се освојува одошто се зачувува.

Проблемот на земјите во кои еднаш победило популистичко движење е во тоа што кога тоа победува на избори тоа најчесто манифестира желба за радикални (револуционерни) промени , и освоеното мнозинство на изборите го смета како основа за делење на револуционерна правда. Тоа е секогаш антилиберално во својата основа и ги загрозува темелите на демократијата. Зошто?

1. Заради големата желба и брз, видлив, успех во борбата против корупцијата (ја загрозува независноста на судството), го партизира, поставува свои лица во државната антикорупциска комисија која има за задача да се справува само со корупцијата на лица од претходната власт и го руши клучниот елемент за заштита на човековите права и слободи..
2. Медиумите ги претвора во свој инструмент за пропаганда и пресметка со неистомислениците.
3. Мнозинството што победило на изборите станува привилегирано мнозинство (воведува тиранија на мнозинството врз малцинството)

4. Сите инструменти на власта ги користи за ,,криминализација,, на опозицијата и за нејзино дополнително уништување- враќање кон еднопартиски систем.
5. Создавајќи систем без политчка и судска контроле лесно влегува во корупција и обезбедување средства за сопствено одржување на власт или (преку создавање на роднинско пријателски круг во бизнисот)

Таквите режими, стануваат арогантни кон внатре и агресивни кон надвор.(Fukojama) Често доведуваат и до загрозување на меѓународниот углед на земјата.

Единственото ограничување за нив се меѓународните норми и стандарди и мониторингот, контролата и притисокот од меѓународните политички и економски институции кон владата на таквата земја кој може да биде политички, економски па дури и воен по потреба.

Промената на таквите режими е болна и бавна. За време на својот мандат (како и другите видови на авторитарни режими, тие оставаат многу простор за политички реваншизам и за обнова на маѓепсаниот круг на омразата и злото. Во борбата за освојување на власта или за нејзино зачувување таквите режими реално ги загрозуваат основните човекови права и слободи на многумина и доведуваат до унишување на кариери, бизниси, па и животи. Оттаму е потреба голема умешност на оние што ќе ја освојат власта по нив да создадат амбиент во кој целото општество ќе почне да се враќа во нормалноста и во кој ќе владее правото а ќе се смалува кругот на омразата до нејзиното изчезнување.

Ако едни популисти бидат заменети со други популисти тоа нема ја оддалечи земјата од нејзината почетна точка во развојот.

Summary

***Populism**, defined either as an ideology or political philosophy or a mere type of discourse, is a type of political-social thought which juxtaposes "the people" with "the elites", urging social and political system changes and/or a rhetorical style deployed by members of political or social movements. It is defined as "political ideas and activities that are intended to represent ordinary people's needs and wishes" The magic formula of the populists' success is not a secret. It consists of ten elements: authentic anger, unrestrained hatred of the elites, policy vagueness, economic egalitarianism, cultural conservatism, compassionate radicalism, measured euroscepticism and anti-capitalism, declared nationalism, undeclared xenophobia, and anti-corruption rhetoric. This is the new, electoral version of the Molotov cocktail. In essence, populism is anti liberal and anti democratic movement and populist parties is not able to stay in power longer due to the big and unrealistic electoral promises.*

Литература

1. Albertazzi, Daniele and Duncan McDonnell, 2008, *Twenty-First Century Populism: The Spectre of Western European Democracy*, New York and London: Palgrave Macmillan Laclau, Ernesto, 2005, *On Populist Reason*, London: Verso
2. Betz, Hans-Georg. 1994. *Radical Right-wing Populism in Western Europe.*
3. Canovan, Margaret, 1981,*Populism*, New York and London: Harcourt
4. Ivan Krastev:The new Europe: respectable populism, clockwork liberalism, http://www.opendemocracy.net/author/ivan-krastev
5. Kaliciak, Monika, Reasons for Populatity of Populist Parties- Coparison of Poland and Estonia
6. Kazin, Michael. 1995.*The Populist Persuasion: An American History.*
7. Meny, Yves and Surel, Yves, 2002, *Democracies and the Populist Challenge*, London: Palgrave Macmillan
8. Dahrendorf, Ralf, Parties and populists, http://www.project-syndicate.org/commentary/dahrendorf53

342.7 : 351-027.236(100)

Доц. д-р **Ѓорги СЛАМКОВ**

ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА И ЕФИКАСНОСТА НА ПОЛИЦИЈАТА

Апстракт

Човековите слободи и права се резултат на односите помеѓу граѓаните и државата. Тие имаат улога на контролор и регулатор за употребата на државната власт врз поединците и бараат од државата да ги задоволи основните потреби на граѓаните во рамките на нејзината јурисдикција. Вградени се во најзначајните меѓународни документи, со кои всушност се утврдуваат стандардите за човековите слободи и права. Станува збор за Универзалната делкарација на ООН, како и за Европската конвенција за човекови права.

Улогата на полицијата е насочена кон одржување на јавниот ред и мир, борба против криминалот и другите асоцијални појави, со други зборови елиминирање на сите фактори што може да доведат до повреда на човековите слободи и права. На тој начин се настојува запазување на две цели: ефикасност во работењето и почитување на признатите права.

Ефикасноста на полицијата означува успех во борбата против криминалитетот но со почитување на одредени принципи и стандарди. Пред се станува збор за презупцијата на невиност, право на информирање, објективност и праведност во постапувањето, хумано и достоинствено постапување, поддршка и помош на жртвата, право на бранител.[1]

***Клучни зборови**: човекови слободи и права, полиција, посебни истражни мерки, предистражна постапка, Закон за кривична постапка, Универзалната делкарација на ООН, Европската конвенција за човекови права.*

1. Човековите слободи и права како примарна вредност во современото општество и правни гаранции за нивна заштита

Најзначајна вредност на современото општество се човековите слободи и права. Нивното постоење, но и спроведување во пракса, е претпоставка за развој на ошптеството, на државата. Слободата на поединецот, на

[1] Европски кодекс на полициската етика (чл. 48-55),

мислата, отвара можност за креирање на нови односи, иницијативи, создавање на нови решенија што го подобруваат животот, или накратко слободата е двигател на напредокот. [2]

Актуелното гледиште за положбата на поединецот во општеството е изградено по завршувањето на Втората светска војна во западните демократии, за да по завршувањето на Студената војна се прошири и прифати во земјите од Централна и Источна Европа, т.е., во поранешниот социјалистички блок.

Постојат низа на меѓународни документи што ги обработуваат основните слободи и права, но сепак, како најзначаен се јавува Универзалната декларација за правата на човекот, усвоена и прокламирана од Генералното Собрание на ООН со Резолуција 217А на 10 Декември 1948 година. Во наведената Декларација се наведени бројни слободи и права на човекот, но од аспект на безбедноста и односот човек – безбедносни органи, најзначајни се членовите 5 и 9.

Имено, во член 5 од Декларацијата е содржана забрана за тортура: „никој не може да биде подложен на мачење или на свирепа, нечовечна или понижувачка постапка или казна.“ Членот 9 создава бариера кон самоволието на државните органи, според него за да се навлезе во слободите и правата на поединецот потребно е државните органи да имаат добри аргументи, имено: „никој не смее да биде произволно уапсен, притворен, ниту протеран.“

Овде би требало да го спомнеме и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права од 19 Декември 1966 година што во член 9 содржи неколку процесни гаранции, и тоа: забрана на тортура и самоволно апсење, право на правично судење и претпоставка на невиност на лица кои се обвинети за казнено дело.

Универзалната Декларација претставува базичен текст за регулирање на слободите и правата ширум светот. Така, на европско тло ќе го иницира донесувањето на Европската Конвенција за човекови права (ЕКЧП) на 4 Ноември 1950 година во Рим.

Членот 3 од ЕКЧП најдиректно се однесува на односот помеѓу слободите и правата на поединецот и државните органи на казнениот прогон. Всушност, самиот член го носи насловот - забрана за тортура, односно „ никој не смее да биде изложен на тортура, на нехуман или деградирачки третман, или така да биде казнуван.“

Меѓутоа свое значење има и членот 5 од ЕКЧП, односно став 1: „ секој има право на слобода и сигурност, никој не смее да биде лишен од

[2] Штефан Денерт: Европа проширена кон Југоисток – заедница на вредности, стр.20

слобода, освен во законска постапка.“ како и став 3: „секој кој е лишен од слобода или притворен навремено ќе биде изведен пред судија или друго службено лице овластено со закон да ја врши судската власт, ќе има право да му биде судено во разумен рок или да биде пуштен на слобода во текот на судската постапка. Пуштањето може да се услови со барање на гаранција дека лицето ќе се појави на судењето.“

Наведените меѓународни документи претставуваат патоказ за државите како да ја регулираат оваа проблематика, односно решенијата во сопственото законодавство да произлегуваат од општи и универзални гледишта.

- Состојба во Република Македонија

Човековите слободи и права се примарна категорија во најзначајните правни акти на Република Македонија. Така, согласно член 8 од Уставот на Република Македонија, прва темелна вредност на уставниот поредок на РМ се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот. Ова значи дека уставотворецот се повикува на одредбите на Универзалната Декларација и ЕКЧП, како најзначајни акти од меѓународен карактер, од областа на човековите права.

Меѓутоа она што нас посебно не интересира се одредби со кои се штитат слободите и правата на граѓаните од самоволието на државните органи, односно одредби со кои се ограничуваат овластувањата на органите на прогонот.

Во членот 11 став 2 од УРМ е внесен член 3 од ЕКЧП, односно гласи: „се забранува секој облик на мачење, нечовечко или понижувачко однесување и казнување.“ Членот 12 од УРМ исклучиво се однесува на заштита на граѓанинот, поединецот од самоволието на органите на казнениот прогон, издигнувајќи ја слободата на човекот на ниво на неприкосновеност. Според него до ограничување на слободата на граѓанинот може да дојде единствено со одлука на судот и во случаи точно определени со закон. Доколку дојде до ограничување на слободата на граѓанинот надлежните органи се должни веднаш да му ги кажат неговите права, а пред се причините поради кои се ограничува неговата слобода. УРМ посебно внимание и посветува на најтешката мерка за обезбедување на присуство во казнената постапка, т.е., на притворот, така во Амандман III е содржано дека до подигнување на обвинение притворот може да трае најдолго 180 дена.

Членот 13 од УРМ ја содржи презумпцијата на невиност, според која никој не е виновен се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука. Меѓутоа, во случај на некое лице, без правен основ, да му

бидат ограничени слободите тогаш има право да поведе постапка за надомест на штета поради неосновано или незаконито лишување од слобода.

Во оваа низа би требало да се спомне и член 14 УРМ, кој гласи: „ никој не може да биде казнет за дело кое пред да биде сторено не било утврдено со закон или со друг пропис како казниво дело и за кое не била предвидена казна.“ Во теоријата ова е познато како начело на законитост. Всушност неговата содржина се состои од неколку елементи:

- законот како основен извор за определување на казниви дела,

- забрана за ретроактивно дејство на законот,

- забрана за создавање на казниви дела по пат на сличност, аналогија,

- прецизно определување на битието на делото во законот и

- за секое дело да биде определена казната.

Постои уште една одредба во член 14 од УРМ, која исто така е значајна да се спомне од аспект на заштита на слободите и правата на граѓаните. Станува збор за принципот „non bis in idem“ или не два пати за иста работа. Оваа одредба значи дека никој не може повторно да биде суден за дело за кое веќе бил суден и за кое е донесена правосилна судска одлука. Ова е процесна гаранција со која се штити поединецот и се спречува за едно исто дело повеќе пати да биде гонет.

Во член 26 УРМ се става акцент на неповредливоста на домот, односно на правото на приватност. Имено. правото на неповредливост на домот може да биде ограничено единствено со судска одлука кога е во прашање откривање или спречување, на казнени дела или заштита на здравјето на луѓето.

Сепак УРМ е генерален акт што во општи црти ги обработува гаранции за слободите и правата на граѓаните, создавајќи правни ограничувања пред државните органи на казненото гонење. Затоа со посебни законски акти од областа на казнената проблематика се врши операционализација на неговите генерални одредби.

Одредби за заштита на слободите и правата на граѓаните се среќаваат во материјалното и процесното законодавство. Така во член 2 од Кривичниот законик се настојува да се изнајдат гранични точки помеѓу интервенцијата на органите на казненото гонење и слободите и правата на граѓаните. Според него, до определување на казнени дела, и санкции за нив, ќе дојде во оној момент кога ќе биде потребно да се заштитат слободите и правата на човекот и на другите основни вредности, односно кога ќе се утврди постоење на општествено-штетни дејствија со кои се повредуваат или загрозуваат наведените вредности.

За одбележување е и фактот што Посебниот дел на КЗ започнува со кривични дела против животот и телото за да потоа следат кривичните дела против државата. Ваквата концепциска поставеност укажува на фактот дека во хиерархијата на вредности законодавецот им дава приоритет на слободите и правата пред државата, односно предност на посебното пред општото.

Материјалното казнено право се осврнува на општите институти, на заштитените добра, вредности, односи и интереси. Определува што е забрането во едно општество со закана од санкција. Поаѓајќи од член 8 став 2 од УРМ, дека во Република Македонија слободно е се што со Устав и закон не е забрането произлегува дека КЗ е акт од општо значење во кој се определуваат казнените дела, односно акт со кој се врши разграничување помеѓу дозволеното и забранетото, односно слободите и правата на граѓаните и казнените дела.

Ваквото разграничување е од интерес, пред се, на граѓаните бидејќи на транпарентен и објективен начин им се укажува што е забрането, а од друга страна се спречува самоволието и арбитрерноста на државните органи, т.е., се оневозможува преземање на процесни дејствија со кои се ограничуваат слободите и правата на граѓаните без законска основа.

Сепак вистинскиот акт за операционализација на уставно прокламираните слободи и права е Законот за кривична постапка. Тоа е акт со кој се врши конкретизација, оживотворување и примена на материјалното казнено право. Всушност, материјалното казнено право е претпоставка за постоење на процесното казнено право, а од друга страна формалното право доведува до примена на материјалното право.

Постојат повеќе одредби во ЗКП со кои, во нашата мешовита континентална казнена постапка, се заштитуваат слободите и права на граѓаните при извршување на процесните дејствија. Така во член 2 е содржана презумпцијата на невиност, според која се до правосилноста на судската одлука лицето ќе се смета за невино, при тоа, до нејзиното донесување слободите и правата на обвинетиот и други лица можат да бидат ограничени само во мера која е нужна и под услови определени со закон.Потоа, во член 5 е содржан принципот „non bis in idem“ кој го штити граѓанинот од повеќекратно гонење за едно исто дело.

Всушност, целта на казнената постапка како збир од казнено-процесни односи што настануваат помеѓу процесните субјекти при преземање на процесните дејствија е да се осигура дека никој невин нема да биде осуден, а на виновникот да му се изрече санкција под условите што ги предвидува КЗ и врз основа на законито спроведена постапка.

Законодавецот посебно внимание дава на обезбедувањето доказен материјал и при тоа доколку истиот е стекнат со повреда на слободите и

правата на граѓаните нема да биде правно релевантен. Така, во член 10 стои:„ забрането е и казниво од обвинетиот или од друго лице што учествува во постапката да се изнудува признание, односно некаква друга изјава.“ Можеби во оваа насока повеќе зборува член 15 став 2, според кој сите докази што се прибавени на незаконит начин или **со кршење на слободите и правата** утврдени со Уставот, закон и ратификуван меѓународен договор, како и доказите произлезени од нив, не можат да се користат и врз нив не може да се заснова судската одлука.

Посебно член 3 од ЗКП создава процесни гаранции за заштита на слободите и правата, односно прецизно ги нормира обврските на државниот орган на казнено гонење кон граѓанинот, во чии слободи и права се засегнува. Така, надлежниот орган е должен лицето чија слобода на движење е ограничена да го извести за причините поради кои се прави тоа и за неговите права. А во неговите права се вбројуваат: право на бранител, право на молчење, право да го извести семејството или нему блиско лице. Покрај тоа, надлежниот државен орган за казнено гонење, во овој случај полицијата, има обврска во рок од 24 часа од моментот на ограничувањето на слободата на граѓанинот да го изнесе пред надлежен суд или да го пушти на слобода.

Покрај наведените постојат и други одредби со кои се настојува заштита на слободите и правата на граѓаните од арбитрерните постапки на органите на казненото гонење, односно полицијата. Сепак има еден поим со општо значење, а кој оди, пред се, во насока на нивна заштита, тоа е процесната форма или секоја активност што се презема од страна на субјектите (полицијата) мора да биде на начин строго определен со закон. Во спротивно резултатите од таквата активност нема да се земат во предвид.

2. Ефикасноста на полицијата како претпоставка за реализирање на човековите слободи и права

На човековите слободи и права не може да се гледа како на појава поставена сама за себе, туку мора да се стави во корелација со функционирањето на органите овластени за борба против криминалот, пред се со полицијата.

За нивниот меѓусебен однос можеме да создаваме најразлични гледишта што зависи од аспектот, но сепак, ако суштински се свртеме на односот ќе заклучиме дека човековите слободи и права и ефикасноста на полицијата се две страни на еден медал, на еден однос, кои не можат едно без друго да постојат. Вистинскиот проблем е утврдувањето на рамнотежа помеѓу нив, или правилен однос што ќе овозможи ефикасност на полицијата во борбата против криминалот како општествено штетна појава, од една

страна, и непречено и целосно остварување на уставно загарантираните слободи и права.

Бараната рамнотежа, во апсолутна смисла, никогаш не може да се постигне, но треба да се бараат механизми за што е можно поголемо приближување до неа. Имено, залудно е да зборуваме за човекови слободи и права доколку институциите на еден систем не функционираат, доколку се корумпирани и не ги исполнуваат задачите поради кои постојат. Таквата состојба би наликувала на анархија, на првобитното општество, каде владее законот на посилниот.

Токму поради горното, за да се исполнуваат слободите и правата потребно е непречено и беспрекорно функционирање на институциите, нивна стабилна основа и законска регулираност. Ефикасноста на полицијата го означува токму тоа, дека успешно ги извршува задачите поради кои и постои, а тоа е основен предуслов за заштита на поединецот, за практично остварување на прокламираните слободи и права.

Во Република Македонија во последните пет години се спроведуваат реформи во полицијата, во настојувањето да се изгради институција според европски терк што ќе успее да одговори на предизвиците на современиот криминал, но притоа со почитување на загарантираните слободи и права. Како резултат на сите тие активности се јави Законот за полиција, со кој во значаен обем се суспендираа одредбите на Законот за внатрешни работи. Не случајно Законот за полиција привлече големо внимание во јавноста, проблематиката што ја обработува допира до слободите и правата, и за очекување е доколку се пропишуваат поголеми овластувања на полицијата да се реагира, но сепак во никој случај неговите одредби не смеат да бидат во спротивност со Уставот, како највисок правен акт.

Сепак Законот за полиција во голема мера обрнува внимание на човековите слободи и права, истакнувајќи ја граѓанската димензија. Тоа може да се забележи во член 3 од ЗП каде стои: „основна функција на полицијата е **заштита и почитување на основните слободи и права на човекот и граѓанинот** гарантирани со Уставот на Република Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори, заштита на правниот поредок, спречување и откривање на казниви дела, преземање мерки за гонење на сторителите на тие дела, како и одржување на јавниот ред и мир во општеството.“

Од членот 3 на ЗП се утврдува дека примарна цел на полицијата, во текот на исполнувањето на работните задачи, е заштита на гарантираните слободи и права, додека останатите цели следат по неа.

Доколку се направи осврт на полициските работи, содржани во член 5 од ЗП, ќе видиме дека и овде примат им се дава на слободите и правата на граѓаните. Имено, во полициски работи се спомнуваат оние дејствија на

полициските службеници кои се насочени кон заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, како и кон заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори. Во натамошниот текст од членот 5 се набројуваат и други дејствија, како што е спречување на извршување кривични дела и прекршоци, одржување на јавниот ред и мир и слично. Значи и овде имаме потврда дека во хиерархијата на вредности слободите и правата се првостепени.

Членот 8 од ЗП ги истакнува принципите на транспарентност и одговорност на полицијата и полициските службеници во работењето. Всушност, кога лицето кон кое се применети полициските овластувања смета дека тие биле злоупотребени и како резултат на тоа полицискиот службеник ги повредил неговите слободи и права тој може да поднесе претставка до Секторот надлежен за внатрешна контрола и професионални стандарди во МВР. Понатаму, овој сектор е должен да ги испита наводите содржани во претставката и во рок од 30 дена, сметано од денот на нејзиниот прием, во писмена форма да го извести подносителот за преземените мерки. Доколку граѓанинот не е задоволен од преземените мерки може да се обрати до надлежниот суд и да бара судска заштита на неговите права.

За да има успеси во работата, за да биде ефикасна, полицијата треба да соработува со граѓаните, со разни здруженија на граѓани или други правни лица, пред се заради спречување или откривање на казнени дела и прекршоци. Согласно член 11 ЗП заради јакнење на соработката и поголемо влијание на граѓаните врз работата на полицијата се остава простор за формирање на советодавни и координативни тела. На овој начин им се овозможува на граѓаните да бидат активни во градењето политики за нивна безбедност, но со тоа и непосредно да бидат вклучени во процеси со кои ќе можат да ги заштитат нивните слободи и права.

Доколку во текот на извршувањето на полициските работи се наметне потребата за ограничување на одредени слободи и права, пред се слободата на движење, полицискиот службеник не може таквото ограничување да го преземе по своја волја, туку тоа може да се случи само под услови и во постапка утврдена со Уставот, или поточно под услови и постапка прецизно регулирани со ЗКП. Како своевидна заштита на правата на граѓанинот се јавува член 32 став 2 од ЗП, според него во извршувањето на полициските овластувања полицискиот службеник е должен да постапува хумано и да ги почитува достоинството, угледот и честа на лицето, како и основните слободи и права на човекот и граѓанинот.

При преземањето на полициските овластувања овластените лица се обврзани да внимаваат на слободите и правата на сите граѓани, но посебно треба да се внимава кога станува збор за малолетници. Имено, казнената

постапка спрема малолетници е различна од онаа на полнолетните граѓани, но не само тоа, во Република Македонија е донесен посебен закон што ја регулира казнено-правната материја за малолетници, познат како Закон за малолетничка правда. Во овој закон се внесени како материјалниот, така и процесниот казнен дел. Законодавецот смета дека малолетниците се лица кои сеуште немаат постигнато целосен био-психолошки развој и затоа ги одделува од останатите категории на граѓани, утврдувајќи поголеми права за нив, како и инструменти за нивна заштита. Во таа насока е и Законот за полиција, кој во член 37 предвидува полициските овластувања кон малолетни лица да ги применуваат полициски службеници кои се посебно оспособени за работи на сузбивање на малолетничката деликвенција. По правило, при преземањето на наведените овластувања потребно е присуство на претставник од Центарот за социјални работи, како и на родител или старател.

Општо гледано Законот за полиција претставува одредена основа за успешно спроведување на реформите во полицијата, но не треба да се заборави дека сепак тој е пишан акт чија што имплементација зависи од човечкиот фактор. Ние можеме да изготвиме безброј на законски акти што во себе ќе ги инкорпорираат највисоките вредности на современото општество но сето тоа ќе треба да доживее правилна практична примена. Ова е најважното, правилна практична примена, како да ја постигнеме. Постои само еден одговор – градење на здрави институции, ослободени од било какви притисоци и влијанија, што ќе ги интересира единствено спроведувањето на законот, еднаквоста на граѓаните, непостоењето дискриминација/привилигирање на поединци или групи по етничка, верска, политичка, социјална, полова или некоја друга основа. Така доаѓаме до човековите слободи и права и нивното почитување.

Во минатото се случуваше како критериум за напреднување во полициските органи да биде блискост до владеачката политичка гарнитура, или пак роднински или пријателски врски со некое лице од таа гарнитура. Ваквиот начин на напредување во полицијата имаше сериозно негативно влијание врз професионалниот елемент, поделба на службениците по некој невидлив фактор, а од сето тоа најмногу страдаше ефикасноста во работењето. Таквиот начин на работење широко ги отвори вратите на корупцијата во полицијата, бидејќи таквиот службеник ужива одредена форма на имунитет, за него законите го немаат вистинското значење.

Ваквиот начин на работење беше (но и може да биде) најсериозна закана за човековите слободи и права, бидејќи во рамките на една институција која директно е насочена кон борбата со криминалот, каде човековите слободи и права се најчуствителни, се создава една сива зона, во која нема одговорност, всушност системот излегува од своите законски

рамки, се пасивизира и насочува активноста на полицијата во некој привиден правец, а со тоа се губи ефикасноста.

Решение на ваквите проблеми е постоење на строго утврдени објективни критериуми за движење во кариера, кои најпрво ќе ги релативизираат, а потоа елиминираат, сите субјективности во напредувањето. Доколку се тргне од искуството, образованието и резултатите во работењето, како критериуми за напредок, потешко ќе може да се случуваат несоодветни кадровски решенија, ќе се стави во преден план професионалноста и строгото почитување на законот, а сето тоа на некој начин ќе ја донесе ефикасноста во работењето.

3. Посебните истражни мерки и човековите слободи и права

Со измените на ЗКП од 2004 година во нашето казнено процесно законодавство се воведоа посебни истражни мерки, како средство во борбата против потешките форми на криминал – организираниот криминал.

Посебните истражни мерки може да претставуваат основа за сериозно загрозување и повредување на човековите слободи и права од страна на државните органи на казненото гонење, доколку не се обезбедени механизми за контрола на субјектите што ги спроведуваат.

Со нивното пропишување законодавецот настојува да создаде прецизна законска рамка и соодветни процесни гаранции против нивната злоупотреба, заради прибирање на податоци и докази неопходни за водење на казнената постапка и олеснување на гонењето на извршителите на казнените дела, посебно на делата од областа на организираниот криминал, корупцијата, перењето пари, недозволената трговија со луѓе, оружје и дрога и други тешки форми на криминал.

Според член 146 ЗКП, основна цел што се настојува да се постигне при наредувањето на посебните истражни мерки е обезбедување податоци и докази неопходни за успешно водење на казнената постапка кои на друг начин не можат да се соберат или нивното собирање би било сврзано за поголеми трошоци, за казнени дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку четири години.

Согласно ЗКП при преземањето на посебните истражни мерки може да учествуваат неколку субјекти, и тоа: Министерство за внатрешни работи, Царинска управа, Финансиска полиција, Јавен обвинител и истражен судија. Се наметнува прашањето дали обвинителската и судската контрола се доволни, дали е потребно градење на ефикасен механизам на контрола преку посебни парламентарни комисии и преку народниот правобранител.

Доколку се земе во предвид карактерот на посебните истражни мерки, односно значителното навлегување во сферата на приватноста и многу блискиот контакт со човековите слободи и права, нивната примена треба да се потпира на принципите на законитост и пропорционалност. Имено, европските стандарди за заштита на човековите права бараат соодветна правна рамка за примена на посебните истражни мерки, придружена со институционална структура, како и со обучен кадар за практична примена на овие мерки.

Посебно внимание за заштита на човековите слободи и права е потребно при спроведувањето на посебните (познати и како специјални) истражни мерки. Всушност, борбата со организираниот криминал мора да се води со користење на легитимни средства и со почитување на законите и човековите права.

Се разбира дека организираниот криминал е најтешката форма на криминал, како за откривање, многу повеќе за докажување, меѓутоа, тоа не е оправдание да се стават во прашање основните човекови слободи и права. Секоја реакција кон организираниот криминал треба да ги почитува темелните вредности на демократското општество и владеењето на законите, а посебно највисоката вредност – почитување на човековите слободи и права.

Треба да се подвлече дека посебните истражни мерки се неопходно средство на органите на казнениот прогон при обезбедувањето доказен материјал против сторителите на потешки казнени дела, кои влегуваат во рамките на организираниот криминал. Имено, организираниот криминал претставува сериозна опасност за правната држава, за општата безбедност, за правилно функционирање на финансискиот сектор, за почитувањето на човекови слободи и права, односно ги загрозува темелите на демократското општество. Сепак, нивното спроведување не смее да биде на штета на слободите и правата и за отстранување на оваа опасност потребно е преземање на неколку чекори, и тоа: законско регулирање, контрола при нивното спроведување, стручност и компетентност на кадрите што ќе ги реализираат.

HUMAN RIGHTS AND FREEDOMS AND POLICE EFFICIENCY

Summary

Human rights and freedoms are result of the relations between citizens and the state. They have role of controller and regulator for using state power over individuals and demand from the state to satisfy elementary requirements of the citizens in the frames of its jurisdiction. They are integrated in the most important international documents, with which actually standards for human freedoms and rights are established. They are The Universal declaration on UN and The European convention for human rights.

Police role is directed to upkeep public order and peace, battle against the crime and all other non social form, with another words elimination of all factors which can to lead to breaking of human freedoms and rights. In that way the preservation of two aims is being done: efficiency in working and respect of admitted rights.

Police efficiency signifies success in the battle against the crime but with respect to some principles and standards. Firstly, it is about presumption of innocence, right of informing, objectivity and justice in the procedure, humanity and dignity, victim support and assistance, right of defender.[3]

Key words: human freedoms and rights, police, special investigation measures, Criminal Procedure Act,UN Universal Declaration , European Convention for Human Rights.

Литература

1. Универзална Декларација за правата на човекот на ООН, 10.12.1948 година,
2. Европска Конвенција за човекови права, 04.11.1950 година,
3. Устав на Република Македонија,
4. Кривичен законик, Сл. Весник бр.37/96,
5. Закон за кривична постапка, Сл.весник бр. 15/05,
6. Закон за полиција, Сл. Весник бр. 114/06,
7. Штефан Денерт: Европа проширена кон Југоисток – заедница на вредности? Вредности и политики, ЕУ и Југоистокот на Европа, Фондација Фридрих Еберт, Скопје 2006 година,

[3] European Codex of police Ethics (articles. 48-55),

364.63-027.553(497.7)

Доц. д-р **Симеон ЦВЕТАНОВСКИ**

СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО И МЕРКИ НА ЗАШТИТА ШТО ГИ ПРЕВЗЕМА ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ И СУДОТ

Вовед

Семејното насилство (исто така познато како семејно *малтретирање, малтретирање на брачниот другар или насилство врз интимниот партенр*) се појавува кога член на семејството, партнер или поранешен партнер физички или психолошки се обидува да доминира над другиот. Семејното насилство често се однесува на насилство меѓу брачните другари или малтретирање на брачниот другар но исто така мозе да вклучува партнери кои живеат вонбрачно и интимни партнери кои не се во брак. Семејното насилство се појавува во сите култури; луѓе од сите раси, етнички групи, религии, полови и класи може да бидат извршители на семејно насилство. Семејното наситво се извршува и од мажи и од жени.

Има многу видови семејно насилство, овде се вклучуваат: физичко насилство, сексуално злоупотребување, емоционално малтретирање, заплашување, економско лишување и закани за насилство. Насилството може да биде кривично и вклучува физички напад (тепање, туркање, малтретирање итн.) сексуално злоупотребување (несакана или присилена сексуална активност) и скришно следење на жртвата. Иако емоционалното, психолошкото и финансиското малтретирање не се кривични однесувања во некои правни системи, тие се форми на малтретирање и може да водат кон кривично насилство. Има голем број димензии кои вклучуваат:

- **Начин:** физички, психолошки, сексуален и/или социјален.
- **Зачестеност:** повремено, случајно и хронично.
- **Сериозност:** се однесува на психолошка и физичка навреда и потребата за лекување.
- **Краткотрајна или трајна повреда:** блага, просечна, тешка па се до убиство.

Важен составен дел на семејното насилство што често е игнориран е доменот на пасивното малтретирање, кој води кон насилство. *Пасивното*

малтретирање е тајно, лукаво и прикриено. Ова вклучува прогонување, одолговлекување, расеаност, двосмисленост, запоставување, духовно и умствено малтретирање.

I. ШТО Е СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

1. Дефиниции и видови на семејно насиство

Под семејно насилство се смета однесување на член на семејството кој со примена на сила, закана и заплашување врши телесни повреди, емоционална или сексуална злоупотреба и материјално, сексуално или работно искористување на друг член на семејството.

Како семејно насилство се смета однесување сторено:

- од едниот брачен другар врз другиот брачен другар, кои живеат или живееле во брачна или вонбрачна заедница или во кој било вид на заедница како семејство или ако имаат заедничко дете;
- меѓу браќа и сестри, полубраќа и полусестри;
- над дете;
- над постари членови на семејството и
- над лица – членови на семејството чија деловна способност е делумно или целосно одземена.

Под семејно насилство се подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чуство на несигурност, загрозување или страв спрема брачен другар, родители или деца или други лица што живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица што се наоѓаат во блиски лични односи.

Семејното насилство се одредува како збир на однесувања со цел да се воспостави контрола над другите преку примена на сила, застрашување и манипулирање. Таквото одредување се однесува на најчестите облици на насилство во семејството: телесно злоставување, емоционално злоставување, сексуално злоставување и материјално/работно искористување.

Семејното насилство секогаш претпоставува злоупотреба на моќ во релации кои се темелат на нееднаквост.

Тоа не е нова појава и веројатно постои одсекогаш. Клиничките искуства и емпириските истражувања укажуваат дека, семејството како

темелна единица на општеството не е само поддржувачко окружување кое овозможува емоционална, социјална и материјална поддршка на нејзините членови, туку може да биде и насилно опкружување во кое најбрутално се кршат темелните човечки права.

Со истражувањата се утврдени неколку неспорни факти:

- Поединецот може да биде изложен на насилство во семејството во текот на целиот свој живот, од детството до длабока старост. Најчести жртви на семејно насилство се жените, децата и старите лица.

- Насилството во семејството вклучува широк опсег на загрозувачки однесувања кои еден член од семејството ги користи за да воспостави моќ и контрола над друг член во семејството или да задоволи некои свои потреби на сметка на другиот. Затоа, во секој поединечен случај насилството претставува кршење на темелните човекови права.

- Последиците од изложеноста на насилството се многубројни и битно влијаат на менталното здравје на оние кои се изложени директно, но и на оние кои се набљудувачи на насилството. Најчести последици се: ниско самопочитување, напнатост, депресивност, агресивност, обиди за самоубиство, зависност, нестабилност во партнерските релации, како и намалено работно функционирање и др.

- Семејното насилство може да се објасни единствено преку интерактивно делување на поголем број фактори кои се групираат на три нивоа: индивидуални карактеристики, карактеристики на семејството и карактеристики на поширокатa општествена заедница.

- Постои јасна поврзаност помеѓу присуството на насилство во семејството и количеството на насилство во општеството, вклучувајќи го и насилството прикажувано на разни медиуми.

- Постои меѓугенерациски пренос на насилство во семејството. Количината на насилството доживеана во детството придонесува во развивањето и користењето на насилството во возрасно доба.

Видови на семејно насилство:

Психичко насилство е дефинирано низ неколку конкретни однесувања и тоа: контрола, изолација, љубомора и емоционални страдања на жената, состојба што жените ги навредува или сопругот се однесува кон неа на начин таа да се чуствува лошо, доминација на мажот во семејството дека неговиот збор треба да биде последен, заплашување, заканување дека ќе ја повреди неа или блиски луѓе, спречување да работи надвор од домот, омаловажување или понижување пред другите, барање дозвола да побара здравствена заштита, инсистира да знае каде е и со кого цело време.

Физичко насилство е дефиниција како: употреба на физичка сила или, пак, закана дека истата ќе биде употребена врз жената од страна на нејзиниот брачен (сегашен или поранешен) сопруг или вонбрачен партнер или од друг полнолетен член од нејзиното домакинство.

Сексуално насилство е дефиниција низ неколку конкретни однесувања: силување, несакан сексуален однос, понижувачки сексуален однос, присила на гледање на порнографски филмови и подведување.

2. КОЈ Е ЖРТВА

Жртва на семејно насилство може да биде кој било член на семејството, без оглед на пол и возраст

Карактеристики на жртвите и сторителите на партнерско насилство

Злоставуваните жени и мажите насилници ги карактеризираат низа заеднички обележја. Врз основа на разни истражувања, утврдени се повеќемина од кои најважни се:

- *Карактеристики на жени жртви на насилство:*

1.Ниско самопочитување со подценување на сопствените способности да превземат нешто

2. Веруваат во сите митови за насилните односи

3. Традиционални ставови за половите улоги во семејството

4. Верување дека можат да го спречат бесот на злоставувачот, ја прифаќаат одговорноста за неговите постапки

5. Покажуваат сериозни стресни реакции и психосоматски тешкотии

6. Го користат сексот како начин на воспоставување блискост

7. Веруваат дека никој не може да им помогне во решавањето на тешката ситуација

8. Долготрајно поднесување на страдање, фрустрираност, пасивно го прифаќаат однесувањето на насилникот со насочување на лутината кон себе

9. Неограничена трпеливост во очекување на „влошебна комбинација“ за решавање на брачните проблеми и насилство

10. Постепена социјална изолација, вклучувајќи загуба на контактот со семејството и пријателите

11. Безуспешни во уверувањето на партнерот за својата лојалност и немоќни пред обвинувањата дека се однесуваат „заводливо“

12. Постепена загуба на чувството за сопствените граници, неспособност за процена на заканата, прифаќање вина

13. Верување дека привременото прифаќање на насилството води до долготрајно решавање на проблемот

14. Историја на злоставување во семејството, како очевидци или како директни жртви

15. Учествуваат во воспоставување на хиерархија при одредувањето кое е прифатливо ниво на насилство за кои „пропусти“

16. Често размислување за самоубиство, историја на обиди за самоубиство, чести желби партнерот да е мртов, изложеност на убиство во самоодбрана

17. Прифаќаат децата да се заложници на односите, чувство на немоќ да ги заштитат децата.

➢ *Ставоти кон жртвата кон насилството:*

Различните ставови на жените кон насилството во семејството се препознаваат спред изборот на однесување

1. Негирањето на проблемот – сметаа дека не постои проблем, па оттаму и не треба да се бара решение. Жените кои го одбираат овој период често развиваат несоодветни здравствени однесувања како што е прекумерно земање лекови (особено седативи), прекумерно пиење алхолол, пушење, претерано или недоволно земање храна.
2. Преобликување на проблемот-вклучувајќи очекувања дека ке биде подобро, бидејќи постои љубов, заеднички живот, среќа и сл.
3. Самообвинување и барање оправдувања – еден дел од жените кои секојдневно трпат насилство, подготвени се да го оправдаат насилството на партнерот со изјави од типот: Можеби самата предизвикувам невољи, тој има таков табиет, прекрасен е кога не пие, само да му покажам, колку го сакам ќе престане да ме тепа.
4. Самоконтрола и контрола на другите – со цел да се прилагоди на постоечката состојба, жените често завземаат став дека насилникот е предизвикан, па затоа внимателно одбираат постапки и зборови во комуникацијата. Често тоа се однесува на децата кои треба да се тивки додека таткото спие и сл.
5. Барање на социјална потпора – некои жени бараат поддршка во кризни ситуации и тоа повеќе роднини и пријатели, отколку од

професионалните служби како што се центрите за социјална работа или здравствените институции.

6. Активно решавање на проблемот – некои жени во својата прилагоденост на секојдневната состојба на насилство, наоѓаат и имаат скриено решение кое ќе им помогне во кризна ситуација. Најчесто, тоа е план каде и како да се оди ако ситуацијата стане опасна, ако насилникот ја загуби контролата или дотогашните однесувања не дадат резултат.

➢ *Механизмите на преживување вклучуваат:*

1. Развивање на одредена симпатија кон насилникот, негово заштитување или оправдување на неговото однесување. На луѓето од надвор, тешко им е да го разберат ваквото однесување и причините поради кои жените не дозволуваат на другите да го пикаат носот во туѓи лични работи.
2. Развивање на крајна пасивност, при што на секое барање на насилникот се одговара веднаш, без протест. Ова ги вклучува и опоменувањата на децата да не предизвикуваат агресија (тишина додека таткото спие) или нивно повикување да го слушаат, бидејќи така е обезбедена нивната сигурност.
3. Фунционирање како автомат, без самостојност во доживувањата, размислувањата или активностите. Жената себе си се доживува како средиште околу кое се задоволуваат барањата и потребите на насилникот.
4. Злоставување на децата, како израз на личната немоќ да се спротистават на насилникот кој најчесто е посилен. На децата е можно да се истури наталоженият бес.
5. Користење на секундарна добивка, здобивање со дополнителни отстапки во други подрачја на семејниот живот, на пр. емпатија од поширокото семејство, изговори, каење и подароци од насилникот после злоставувањето и сл.

1. Кој е насилник

Сторител на семејното насилство може да биде: брачниот другар, поранешниот брачен или вонбрачена другар, лицето кое живее или живеело во заедница со лицето жртва на семејното насилство, лице со кое се има заедничко дете или лице кое е поврзано до четврти степен на крвно сродство и втор степен по сватовство со овие лица, или се со нив во брачна или вонбрачна заедница или во друг вид на заедница на живеење.

➢ *Карактеристики на мажи сторители на насилство:*

1. Веруваат во сите митови на насилните односи
2. Традиционални ставови за машката супериорност, стереотипен поглед на машката улога во семејството
3. Другите ги обвинуваат за сопственото однесување
4. Сериозни стресни реакции, начин на соочување со стерс, користење алкохол и насилство.
5. Често го користат сексот како акт на насилство
6. Заради насилството не треба да трпат никакви негативни последици
7. Слаба контрола на импулсите, низог праг на фрустрации, експлозивен и непредвидлив темперамент, лесно „влегуваат“ во бес, постојано ја изразуваат, но и прикриваат лутината
8. Слаба способност за одложување на задовлството, силно ориентирани на „сега“
9. Контактот со партнерот го опишуваат како најблизок од кога и да е, остануваат во контакт со своето семејство.
10. Нагласено љубоморни, контролирачки, чести обвинувања за неверство, нагласен страв од отфрлање или „неверство“
11. Ги рушат личните граници на партнерката, отфрлаат одговорност за брачните, семејните или работните неуспеси или своето насилно однесување, немаат чувство на вина
12. Верување дека заканувачкото однесување го чува семејното јадро и дека тоа го прават за доброто на семејството
13. Историја на насилство во семејството, како деца сведоци на насилството на татковците или и самите биле жртви.
14. Учествуваат во воспоставувањето на хиерархијата на насилството
15. Воспоставува контрола над партнерката со закани дека ќе се самоубие кога таа се обидува да го напушти
16. Често ги користат децата како заложници и начин на контрола во врската

Злоставуваните жени и мажите злоставувачи поделуваат многу заеднички обележја – од ниско самопочитување до низа ирационални

уверувања. Нагласувањето на сличностите нема за цел да се намали одговорноста на сторителите на семејно насилство, туку има за цел општественото делување да го насочи не само кон жртвата, туку и кон злоставувачите, кон нивно поттикнување да ја превземат одговорноста за своето однесување и да усвојат ненасилни начини на изразување на емоциите и покажување на сопствената моќ. За таа цел во светот постојат поебно дизајнирани програми за промена на насилното однесување на насилниците.

➢ *Типови на насилници*

Наспроти уверувањето дека сите насилници се исти, бидејќи сите барем понекогаш физички ја злоставуваат партнерката, важно е да се знае дека постојат различни типови на насилници. Се работи за сосема различни личности и различна мотивација. Како што постојат разлики меѓу луѓето, така постојат разлики и меѓу лицата кои се насилни кон своите партнерки. Тие се видливи во самото насилно однесување, кое е, на пример, полесно или потешко, почесто или поретко, ладнокрвно со цел да се владее со жртвата или направено во афект. Токму таквото, за одредено лице специфично изразување на насилство, секогаш е одраз на одредена, специфична психолошка позадина, одредена на личноста на насилникот.

Мерки и заштита

Содржината и природата на мерките за заштита

Обезбедување на сигурност и заштита на жртвата од идно насилство, односно помош за надминување на последиците од доживеаното насилство, како и создавање на услови за нејзина интерграција во социјалната средина, се одновните услови кои треба да се задоволат при преземањето на мерките на заштита. Вообичаено овие мерки, покрај за жртвата, знаат обезбедување на сигурност и заштита за останатите членови на семејството, кои се јавуваат во улога на секундарни жртви.

Со семејнозаконодавната реформа од 2004 г., кога впрочем за прв пат семејното насилство е регулирано во оваа сфера, воведени се низа поединечни мерки на заштита. Во таа смсисла, Центарот за социјални работи и невладините организации кои работата на полето на искоренување и на превенција на семејното насилство, добија законска можност за градење на неопходниот координативен систем за заштита. Покрај поединечно предвидените мерки во законот, дадена е можност да се преземат и сите други кои ќе послужат за остварување на заштита на жртвата.

Степенот на користење на мерките за заштита од семејно насилство, нивното спроведување и ефикасност во оваа студија е разгледуван преку

пројавените случаи на семејно насилство до Центрите за социјална работа и бројот на странки кои побарале правна помош и застапување во Центрите за правна помош на Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ. Оваа анализа треба да го претстави обемот и видот на заштита во случај кога жртвите на семејно насилство доаѓаат да ја побараат кај еден од актерите во формалниот, и кај еден од неформалниот систем на заштита, но исто така и кога жртвите не ја атрикулираат и не е дефинирана потребата од заштита (Центарот за социјална работа) и онаму каде што таа е јасно дефинирана, правната помош и застапување.

Видови на заштитата и нивната функционалност

Репертоарот на поединечните мерки кои надлежните институции (формалниот систем на заштита) и невладините организации (неформалниот систе на заштита) мозат да ги преземат се следните:

Обезбедување на нужно сместување за лицето-жртва на насилство, кое може да трае најмалку 6 месеци, можност за продолжување за уште 6 месеци;

- обезбедува соодветна здравствена заштита:
- обезбедува соодветна психо-социјална интервенција и третман;
- ги упатува во соодветно советувалиште;
- доколку во семејството има дете кое е на редовно школување, помага за продолжување на редовното образование;
- го известува органот за прогон;
- дава секаков вид на правна помош и застапување;
- покренува постапка пред надлежниот суд;
- по потреба поднесува барање до судот за изречување на привремена мерка за заштита и
- презема други мерки за кои ќе оцени дека се неопходни за решавање на проблемот.

Граѓанско правен систем за заштита-привремени мерки за заштита

Природа и значење на привремените мерки за заштита

Граѓанскиот систем за заштита се заснова на предвидените мерки/ привремени мерки за заштита предвидени со реформите на семејното законодавство од 2004 година.

Привремените мерки за заштита се составен дел на секое законодавство. Тоа е пристап на државата кој тежнее кон потполна и сеопфатна заштита на жртвите на семејно насилство.

Овие мерки имаат за цел заштита на жртвата од идно насилство, а она што е најважно притоа, не ја оневозможуваат заштитата обезбедена во казненото законодавство. Во оваа смисла тие се третираат како паралелен, помалку наметлив (во смисла на оставање на диспозиција на жртвата да решава за реакција/реперкусиите) и позитивен (има пред се превентивна функција, односно поправање на однесувањето на насилникот) начин за заштита, односно обезбедување сигурност на жртвата.

Основно е овие привремени мерки за заштита да овозможат непосредна и брза помош на жртвата. Но, ако што веќе е забележано, нивната примена во голема мера зависи од ескалацијата, односно од обемот и видот на насилството. Така, доколку постои сериозна повреда или серија од инциденти придружени со зголемен интензитет, привремените мерки за заштита и кривичното гонење заедно можат да постигнат најефикасни резултати.

Привремените мерки можат особено да бидат корисни во случаи кога жртвата сака да ја оддржи заедницата со насилникот и се надева дека судското решение за изречена привремена мерка ќе придонесе насилникот да осознае дека неговото однесување е недозволиво и има потреба тој да применува ненасилни методи на однесување.

Од друга страна, природата не граѓанската постапка со која се изрекуваат привремените мерки претставува уште една предност која природно треба да резултира со нивно оптимално користење. Непоботно е дека граѓанската постапка, сама по себе, може да придонесе насилникот да прими на знаење дека за натамошно насилство ќе следат правни последици. Како резултат на тоа, тој треба да го прекине своето насилничко однесување.

Во ниту еден случај законските решенија предвидени во двата правни системи (граѓанскоправен и казненоправен) за заштита не треба да се применуваат на штета на едниот, односно на другиот. По својата содржина и пред се цел за кои се изградени/предвидени тие се комплементарни и само во таа смисла треба и да се применуваат.

Сознанијата со кои располагаме по долгогодишна континуирана работа во сферата на семејното насилство укажуваат на присутно толкување, во одреден круг на професионални работници, за исклучување на законските решенија предвидени во двата правни система за решавање на семејното насилство. Според ова толкување, на привремените мерки за заштита се гледа како на супституција на казните, со што непотребно се одолговлекува и обременува постапката за предлагање на овие мерки. Оттаму и

исклучително нискиот стешен на примена на овие мерки на заштита од страна на Центрите за социјална работа. Ваквата состојба делумно се должи и на неразбирањето на природата и целта на законските решенија за семејното насилство, односно дека привремените мерки за заштита треба и мора да се предлагаат напоредно со решенијата предвидени во казненото законодавство, а не да претставуваат негова замена. Ниту еден од овие правни системи немаат ниту пак можат да пружат потполна заштита на жртвите, впрочем, поради тоа и меѓународните стандарди пропишале нивна интеракција и неисклучивост.

Соодветната интеракција и користење на овие комплементарни решенија (семејното и казненото законодавство) во иднина треба да отсликува состојба на зголемена (правилна) употреба на привремените мерки за заштита. Ова, пак од друга страна ќе ја намали стапката на казнивите дела на семејно насилство.

Привремените мерки за заштита треба да се главниот механизам којшто ќе ги штити жртвите. Нивното значење е во тоа да му се укаже на насилникот или на потенцијалните насилници дека тоа што го прават е незаконски и се казнува. Не е целта, на секоја жртва што ќе се појави во Центарот за социјална работа веднаш да и ја понудиме мерката на заштита – ајде во засолниште. Што со тоа? Така ништо не правиме, само даваме за право на насилството да го продолжи понатаму. Значи, целта е да се прекине насилството, во ситуации кога е продраматично, насилникот да биде тој што ќе биде исфрлен од домот, а не жртвата.

Значајно е да напомене и присутното неразграничување на семејното насилство, насилство од на него блиски појави, како што е на пример, нарушени семејни односи. Ваквото неразграничување резултира со третирање на семејното насилство исклучиво како семеен проблем, и притоа треба да се решава на начин спротивен од оној предвиден со решенијата за семејно насилство во семејното законодавство. Со ова, не само што семејното насилство се багателизира како појава, туку праќа погрешна порака за одговорност на институциите и видот на помошта и поддршката што жртвата треба да ја очекува и да ја добие во случај на семејно насилство.

Според членот од 104 од Законот за семејството, Основниот суд на предлог од Центарот за социјална работа може да ги издаде следните привремени мерки за заштита од семејно насилство:

1) Забрани да се заканува дека ќе стори семејно насилство;
2) Забрани да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со член на семејството, директно или индиректно;

3) Забрани да се приближува до живеалиштето, училиштето, работното место или определно место кое редовно го посетува друг член на семејството;

4) Одреди отстранување од домот без оглед на сопственоста, до донесување на конечна одлука од надележниот суд;

5) Забрани да поседува огнено или друго оружје или истото да му биде одземено;

6) Го задолжи да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството;

7) Изрече задолжително издржување на семејството;

8) Нареди туженият да посетува соодветно советувалиште;

9) Нареди задолжително лекување, доколку е користник на алкохол и други психотропни супстанци или има некое заболување;

10) Го задолжи да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од семејното насилство и

11) Изрече која било друга мерка која судот ќе ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови на семејството.

Казнено правен систем на заштита

Основи и содржина на заштитата

Со самото дефинирање на поимот семејно насилство се напушта стојалиштето што го имаше Република Македонија до донесувањето на Кривичниот законик, според кој семејното насилство претставува проблем на семејството. Тоа зачи дека семејното насилство претставува државен проблем и државата е таа што треба да ги преземе сите мерки и параметри за успешно справување со проблемот на семејното насилство.

Нема причина да не се верува во органите кои се повикани да се борат против семејното насилство. Дека е тоа така зборува и фактот што во последно време жртвите на семејното насилство се доста охрабрени да го пријават семејното насилство пред надлежните органи и за краток временски период да добијат заштита

Со измените на Кривичниот законик од март 2004 година беше воведена казненоправна заштита на жртвите на семејно насилство. Со нив за прв пат се дефинираше семејното насилство, и истото стана предмет на инкриминизација, преку инкорпорирање на соодветни решенија во веќе постоечките кривични дела содржани во овој закон. Целта на казненоправната заштита беше

санкционирање на насилното однесување во рамките на семејството, односно да се даде до знаење дека таквото однесување е недозволиво и дека истото ке биде подложно на соодветни санкции. Со ова, семејното насилство се издигнува на степен на општествено зло кое заслужува официјална реализација. Главна карактеристика на казненоправниот систем е построгата казнена политика во однос на семејното насилство. Таа се манифестира во пропишаните построги казни за кривичните дела што се сторени при вршење на семејно насилство и гонењето на овие кривични дела по службена должност. На овој начин, согласно со застапеноста, природата и последиците, семејното насилство се издвојува од останатите видови криминал. Поаѓајќи од фактот дека семејството е основната општествена клетка во чии рамки сигурноста на сите нејзини членови мора да биде загарантирана, повеќе од оправдано е построгото санкционирање на поведението на оние членови на семејството кои ќе сторат насилство врз лица кои се дел од нивното семејство или семејна заедница, односно врз лица со кои се во блиски лични односи. Отстапување од построгото санкционирање на кривичните дела кои го регулираат семејното насилство постои во ситуација кога жртвата на семејното насилство ќе повреди насилникотм односно ќе посегне по неговиот живот. Кога ваквите кривични дела се сторени како последица на семејно насилство, сторителите на овие кривични дела (жртвите на семејно насилство) се подложни на поблаго санкционирање – за разлика од основното дело, Претходно веќе кажавме дека семејното насилство не е предвидено како ЕДНО посебно кривично дело, туку се санкционира преку инкриминирање на негови поединечни облици под постоечките кривични дела. Оттука:

- физичкото насилство се санкционира со кривични дела против животот и телото;

- психолошкото насилство се санкционира со кривични дела против слободите и правата на човекот; и

- сексуалното насилство се санкционира со кривични дела против половата слобода и половиот морал.

Заклучок

According to the Family Law of Republic of Macedonia, the individuals that are within a marriage relationship i.e family should respect each other , help each other and protect each other. All kind of violence is forbidden among the members of one family, regardless of the sex and the age. Providing security and protection of the victim of future violence, i.e providing help for overcoming the consequences of the survived violence, as well as creating conditions for its integration in the social environment, are basic conditions which should be satisfied when applying the measures for protection. Usually these measures,

except for the victim, mean providing security and protection for the rest of the members of the family, who are actually secondary victims. With the reform in the family law from 2004 when the family violence has been regulated for the first time in this area, several measures for protection have been introduced. In this context, The Centre for Social Services and the non-governmental organizations which are active in the field of preventing and annulling the family violence, have acquired a legal possibility for building the necessary coordinative system for protection. Except the measures that are taken according to the law, an opportunity for applying some other has been given in order for the to serve as a protection for the victim. The wide variety of separate measures which the authorized institutions (the formal way of protection) and the NGO (informal system of protection) can take, are the following: to provide accommodation for the person-victim of violence, which can last at least 6 months, with a possibility to be extended for another 6 months; to provide appropriate health protection; to provide appropriate psycho-social intervention and treatment; to direct them to appropriate counseling; if in the family there is a child which goes regularly to school- to help continue the education; to inform the body for exile; to offer any help regarding legal help and representation; to start a procedure in front of the authorized court; to submit an application to the court for sentencing temporary measure for protection and takes another measures which are necessary for solving the issue.

Литература

1. Семејно и Наследно право ЕУРМ – Скопје 2009 година
2. Семејно право – учебник „Студентски збор“, Скопје 1997 година
3. Дилеми на современото семејство, монографија, „Студентски збор“, Скопје 1979 година
4. Закон за семејство, Службен весник на РМ, бр.83 од 24.11.2004 година пречистен текст и измени и дополнувања, Службен весник на РМ бр.33/06 и 84/08.

371.3 : 811.111-057.875

Lecturer, **Daniela SAPALOVSKA**

ESL TEACHER'S TASKS FOR THE STUDENT

Апстракт

Предавањето на англискиот јазик како не-мајчин јазик опфаќа примена на различни методи и помагала кои го инволвираат наставникот и студентите кои го изучуваат англискиот јазик како втор јазик. Во текстот подолу се опишува токму примената на тие методи, т.е техники и помагала преку кои може да се изучува англискиот јазик, односно нивната примена од страна на наставникот по англиски јазик. Тука во детали е опишана улогата на наставникот, кој има за задача да го пренесе своето знаење од областа наанглискиот јазик на најдобар можен начин, се со цел студентите кои го изучуваат англискиот јазик како странски јазик да можат да добијат перманентни ефекти кои ќе резултираат со владеење на англискиот јазик на повисоко ниво. Иако улогата на наставникот е најважна во тој контекст, сепак овде доста значајна е и инволвираноста на студентите во тие методи, т.е техники а која на крајот би резултирала во примена на јазикот и негово запознавање од страна на студентите.

Всушност, разните помагала како речникот кој е даден како пример овде, се многу полезни за користење и наставникот го охрабрува нивното користење, притоа давајќи соодветен пример за еден од начините на неговото користење. Тука се разгледани и различни методи, т.е техники преку кои се изучува англискиот јазик и подетално е обајснета постапката за нивна примена, и тоа онаа која според досегашните резултати, била најефективна и најдобра. Методите кои се дадени во овој труд се токму оние кои се најопходни и кои треба да се применуваат при изучување на англискиот јазик.

Клучни зборови: *наставник, студент, методи, речник, англиски јазик, читање, изговор, разбирање, изговор, корекција на грешки.*

Introduction

ESL teachers should communicate with their students in the second language from the very first day. They will find it worth their time to help them learn to communicate. When the teachers communicate with students, that communication must be comprehensible.

The teacher's role is to show the students how to use drawings, gestures, actions, emotions, voice variety, chalkboard sketches, photographs, and visual materials to provide clues to meaning. Adding visual and kinesthetic support along with the language will provide additional comprehensible input. Another role of the teacher is to make sure that the student's attention is focused, and if necessary the teacher should repeat her/his actions using the same simple structures and actions.

During the class the teacher should modify her/his speech and:

Talk at a slow- to-normal pace, in short sentences;

Use a pleasant tone;

Use names of people, rather than pronouns;

Pause after phrases or short sentences, not after each word. The teacher should not distort the rhythm of the language.

Another role of the teacher is to be an active listener and:

Give full attention to the students and understand their attempts to communicate;

Smile;

Talk in a calm, quiet manner. Raising the voice does not help comprehension;

Demonstrate patience through facial expressions and body language;

Give the ESL students time to respond;

The teachers' task is to develop strategies for asking questions in the discussions in student's content area classes.

Classroom activities may be of various types. They may involve whole class activities, small group interaction, or individual work. They may be based entirely on the text, or selected purposefully from other sources.

There are various types of activities and tips that ESL teachers can include in the preparation of their classes, and when conducting the class in order to make their classes successful . Some of these activities and tips are mentioned bellow.

Teaching tip 1: PAIR WORK / GROUP WORK

The teacher should make a list of pairs of names before the lesson starts or while the students are coming in, or just tell them when the time comes: 'Gianni, you work with Paola; Tiara you are with Stefano this time.'

If there is an odd number of students the teacher makes a group of three but breaks them up later in the lesson and puts them into pairs with someone else so they get more chance to speak.

The teacher can form small groups to start with if the activity allows. The activity can be made as a competition in small teams if the activity allows, seeing which team gets the most answers right. The board can be used for keeping score.

The teacher can change the partners quite often so that the students don't get bored with their partner. This is especially important if there is a student who isn't very popular with the others.

During this activity it is good for the students to speak to each other in English and it is useful for them to work with another student sometimes rather than alone.

Preferred activity:

Sometimes groups which are bigger than three are not preferable as the students don't get enough chance to speak in such a large group, so they switch off, start fidgeting, get frustrated, let the hard-working students do all the work, fall asleep etc. In a pair, one student is speaking and one is listening and formulating a response whereas in a group of three, one is speaking, and usually the other two are listening and formulating responses, in a group of four (or more) one is speaking , one or two are listening and formulating responses and the other one is asleep, aware that s/he hasn't got much chance of getting a word in edge-ways. In a group of four sometimes two speak to each other while the other two either fall asleep or end up speaking to each other, in which case the best thing to do is to put them in pairs in the first place.

If there is an odd number of students the teacher shouldn't pair up the extra student with herself / himself, but can make a group of three somewhere. If the teacher pairs up a student with herself / himself, then the other students realize that they are missing out on the teacher's attention and at the same time the teacher is short-changing them by not monitoring them as s/he should.

If there are some talkative and some quiet students, the quiet ones should be paired up to encourage them to talk more. If the talkative student is paired up with the quiet one, thinking that the quiet student would speak more if his partner is chatty, then this is not the case. The talkative one monopolizes the conversation and the quiet one is happy to let this happen.

Teaching Tip 2: READING ALOUD

In this activity the teacher should pick a student and ask her/him to read the instructions for some exercise: 'Marko, please read the instructions for exercise 3 for us.'

The teacher picks a different student each time.

Preferred activity:

This is the best thing to do when it comes to reading because the teacher can check the student's pronunciation , the other students may well understand the instructions better when read by another student, the students are more likely to listen to another student than to the teacher. If the students read the instructions silently, they will all finish at different times. If they listen to someone reading the instructions out loud they will all finish at the same time.

Teaching Tip 3: CHECKING UNDERSTANDING

Once the exercise is being read, the teacher asks the students 'Is that clear?'

If it is clear , fine. If anyone says 'No, can you explain that? / Can you explain again?', the teacher should then ask one of the students to explain it.

If nobody understands it , the teacher has to go through an example together.

Another way to check understanding, not only of instructions, is by concept checking.

Preferred activity:

The teacher has to check that the students have understood because they are unlikely to tell her/him if they haven't-they will simply bumble through the exercise, doing it wrong, probably aware that they are doing it wrong, and losing confidence. The teacher needs to ask 'Is that clear?' rather than 'Do you understand?' because the chances of a student saying ' No, I don't understand' are very slim-they will feel very stupid. Would one admit to not understand something in front of others in a classroom situation? Probably not, because the student who doesn't understand will be convinced s/he is the only one who doesn't get it and will not want to admit that in public. Questions like 'Is that clear?' shift the blame to the quality of the instructions instead. Neutral ground - much nicer.

Teaching tip 4: PRONUNCIATION

The teacher models the word herself / himself. (This means that s/he says it in a normal way to the students.) Then the students repeat after the teacher, all together like in a chorus until they get it nearly right.

The word is then modeled by the teacher and individual students repeat the word after her / him.

The word can be put on the board and the teacher asks how many syllables it has and then practice some stress placement. The teacher asks the students which is the stressed (strong)syllable. For example: 'before'= 2 syllables: 'be', 'fore'- the second syllable is stressed. The phonetic alphabet can be written by the teacher, too.

Preferred activity:

This way of practicing pronunciation helps the students to improve their pronunciation which is very important because there's very little point in students learning a new word, learning what it means and how to use it in a sentence, if no one understands them when they say it because their pronunciation is so bad. Doing a little pronunciation work can fill time here and there in a lesson. It's especially useful as a filler (a quick activity to fill those few minutes at the end of the lesson when the teacher has run out of material but it's a little too early to let the students go).

If the teacher wants to do some stress placement work, then it's a good idea to check the stressed syllables in a dictionary before putting them on the board.

Teaching Tip 5: SPEAKING TO OTHER STUDENTS IN ENGLISH

Making students speak to each other instead of the teacher maximizes STT (Student Talking Time) and minimizes TTT (Teacher Talking Time). This is good thing because the students are the ones who need to practice their English- not the teachers.

A lot of students will be using their English to speak to non-mother tongue speakers anyway so they should get used to it and communicate to other non-native speakers.

Preferred activity:

Generally speaking, correcting a student every few seconds destroys the impact of whatever s/he was saying and makes them (and everyone else) lose the thread.

When the students do pair work , they sometimes can't see the benefit of talking to each other because when they make a mistake the other student is not able to correct it always. These students tell the teacher that they want her/him to talk to them, because they will learn correct English through listening to the teacher.

Teaching Tip 6: GUESSING ANSWERS

When there is a list of possible answers, the teacher should encourage students to guess the answers (by saying things like 'There are two words to choose from and only one gap to fill so you've got a 50% chance of being right!)

Encourage the students to try to guess the meaning from the context (i.e. the sentence or paragraph the gap is in). For example: 'It rained yesterday when I was out but I hadn't got an_____ with me so I got wet.' In this example the context tells us that the missing word is probably going to be 'umbrella'.

Preferred activity:

Sometimes the students know the word (they have seen it or have heard this word or phrase, but they don't remember it consciously) – the posh term for this is 'passive knowledge'. If the teacher puts the students into pairs or small groups, the chances are that with their combined passive knowledge they will get most of their answers right, though they won't know how they did it. They'll probably think it's just a good luck. It isn't. In such case their confidence is raised and that is half the battle with speaking a foreign language.

Teaching Tip 7: FEEDBACK

The teacher asks one of the students what the answer to question 1 is. If s/he gets it right, fine. If not, the teacher asks if anyone else knows the answer. (If nobody knows and nobody can guess, the teacher should give it to them).

The teacher asks one of the students what the answer to question 2 is. If nobody knows, the teacher provides the answer for the students.

In the 'True or False?' activities on the teacher's worksheet, the feedback questions would be: ' How many of your guesses were right?/ How well do you know your partner?/ Which of your partner's answers surprised you?'

Preferred activity:

Getting feedback from the students (i.e. information about what they have just done) means that the teacher can check how they coped with the exercise. The teacher then gets not only the answers, but finds out if they liked the type of exercise or not-if not, they can suggest ways to improve it.

The teacher should check their pronunciation. The feedback session can develop into a class discussion (five-minute activity) to fill the last few minutes of a lesson by asking the students to decide which of this lesson's activities were the most enjoyable/useful and why, then the teacher compares the choices with their partner's or has an open-class discussion about it where the whole group talks to her/him and airs their views.

Teaching Tip 8: MONITORING

While the students are doing an activity, the teacher walks slowly round the classroom and listens to their conversations.

The teacher can sit down too, if there are enough chairs, but it is recommended that s/he sits down in the background or the students will direct their conversation to her/him.

The teacher should be ready to stop students monopolizing conversations, to stop students falling out with each other and offer encouragement and praise where appropriate. The teacher listens and supervises.

The teacher can take a piece of paper and a pen with her/him on the travels round the classroom so that s/he can jot down any howlers (which can then be dealt with at the end).

Preferred activity:

Monitoring gives the teacher the opportunity to hear how the students are coping with the activity and to make notes about their pronunciation, vocabulary and grammar points that are causing difficulty. The role of the teacher is to be a listener/supervisor/facilitator/encourager-not only an error corrector.

The mistakes don't have to be corrected always when monitoring –the teacher can jot them down and do a bit of error correction later because if s/he gets caught up correcting one student's mistakes during the activity the other students can't be monitored properly.

Teaching Tip 9: ERROR CORRECTION

The teacher should let the students make mistakes. They need to. They learn the best through making mistakes.

The teacher allows the students time to realize they have made a mistake and try to correct it themselves. If they can't, maybe someone else can help them. If nobody can help then the teacher steps in and gives the correct form or makes a note of it for later.

As far as possible, the teacher corrects the mistakes anonymously. The teacher can do this by making notes of students' mistakes as s/he monitors. Then the teacher can put them on the board and give the students themselves the opportunity to correct them, in pairs or small groups. If no one knows the right answer the teacher provides it, but only as a last resort.

Preferred activity:

The ability to correct themselves when they make a mistake is an important one for the students to develop. The teacher encourages them and gives them the time to correct themselves- s/he shouldn't jump in immediately to correct them, keen to prove that s/he is doing her/his job. Most students (and indeed some teachers) seem to think that it is the teacher's job to correct students' mistakes, but this is not necessarily so. Yes, teachers can correct their students endlessly but how will that help the students when they go out into the big wide world-who will be there to correct them then?

It's much better for the students if they get into the habit of listening to themselves when they are speaking and correct themselves as they go along. Obviously they won't be able to correct all the mistakes they make but they will be able to correct a lot of them.

Teaching Tip 10: BRAINSTORMING

The teacher asks the students to think of all the words they know connected to the topic.

The teacher tells the students to write them on a piece of paper and gives them a couple of minutes to do so.

The teacher puts them in pairs or small groups to compare their vocabulary and transfer words they hadn't thought of from their partner's list to their own.

Feedback on to the board. It can be done on the board in the first place-the class should be asked to give the teacher the words to write on the board. (Or the teacher can give board pens to one or more students and get them to do the writing.)

Preferred activity:

If the students have already activated their vocabulary related to the topic they will not be searching for words so much when they start the speaking activities. This should enable them to be more fluent.

Brainstorming can be used as a warmer (a five minute activity at the start of the lesson) just to get them thinking about the topic or as a filler (a five minute activity at the end of the lesson) to see how many words they remember from the lesson. It can also be used as revision-'Write down all the words you can remember about X (which we studied last month)!'

Teaching Tip 11: PACING

The teacher changes the pace of the lesson by breaking things up a bit. Instead of simply doing one activity after another, the teacher allows a little time for something different (for example pronunciation work)

The teacher can also change the pace during a lesson by allowing time for a brainstorming session (as explained in Teaching Tip: 10-Brainstorming)

Another way to liven up the pace is to put a limit on some activities-'You have 2 minutes for this, so get going!' Or introducing an element of competition-the teacher puts the class into small groups and tells them that these are teams and the first team to finish the activity is the winner. (Prize= no homework, or something like that.) Maybe the activities which involve matching words with pictures would be good one for this.

The teacher can use other materials during the class except the course book.

The teacher wakes up the students by giving them a 2 minute test on last week's vocabulary.

The teacher allows silence at appropriate times during the lesson-while students are reading the questions or during speaking activities when students are formulating a response (thinking of something to say). Silence in the classroom can be a bit unnerving at first, but that doesn't mean that the teacher is not doing her/his job- students need time to absorb information and time to think.

Preferred activity:

The lesson will become rather monotonous if it's just a case of 'Do Activity 1, then do Activity 2, then do Activity 3.'The lesson will become even more monotonous if the students spend all lesson with the same partner- the teacher changes the partners, makes small groups, and the group is brainstorming directly to her/him!

Exercises may be numbered 1,2,3 etc. but that doesn't mean that the teacher has to do them in that order or feedback in that order. In the discussion activities the teacher often tells the students to read all the questions, select the 3 that interest them most and talk about them. When feeding back from another exercise the teacher can ask for the answer to number 5, then number 2, then number 4- the students should be kept on their toes!

Teaching Tip 12: USING DICTIONARIES

If possible, the teacher gives the students each an English-English dictionary. S/he makes sure that they know how to use it. If not s/he teaches them how.

The teacher encourages the students to refer to their dictionary whenever appropriate during the lesson, though they should try to guess the meaning from the context first where possible.

Preferred activity:

A dictionary is an extra teacher for the student. It makes the student more independent- not relying on the teacher the whole time- and more able to study outside the classroom, at home, or whatever, and to continue studying after the course has finished.

The teacher helps the students with dictionary work and makes them understand just how useful a dictionary can be by giving them some words to look up and then discuss in pairs. Also the teacher should give the students different

dictionaries , different levels, different publishers, so they get the chance to develop a preference, in case they decide to buy a dictionary to be able to choose the right one for them and therefore a better chance of making friends with it.

The teacher should also point out to the students that using a bilingual dictionary to translate a word is no way to go about dictionary work, especially if it is more than 5 years old – for a start, if they look up the word 'mouse' it'll probably just say 'small furry animal' and not mention computers at all. Using a monolingual dictionary could really help them with their studying ESL.

Bibliography

1. Judie Haynes, ESL Resource from Judie Haynes, 2004

2. Martin Parrot, Tasks for Language Teachers, Cambridge University Press, 1997

3. Ruth Wajnryb, Classroom Observation Tasks, Cambridge University Press, 1999

4. Michael J. Wallace, Action Research for Language Teachers, Cambridge University Press, 2000

5. Liz Regan, ESL Teacher Training, 2003

316.344.5-055.34(497.7)

Асс. м-р **Александра ЖЕЖОВА**

ХОМОСЕКСУАЛНОСТА (ОД ПАТОЛОШКИ МОДЕЛ ДО ОПШТЕСТВЕН КОНСТРУКТ)

Апстракт

Се до 30-те години се сметало дека за хомосексуалноста се надлежни медицината, психијатријата и психологијата. Низ целата литература како црвена нишка се провлекува поимањето на хомосексуалноста како нешто патолошко, или во најдобар случај абнормално. Засновањето на една особено социолошка перспектива на хомосексуалноста од почетокот било поврзано со исчекор од патолошкиот модел, иако таа врска не е логички нужна.

Правилата на сексуалното однесување секогаш и секаде се едни од најважните составни делови на нормативниот поредок во општеството. Меѓу останатото, бидејќи хомосексуалноста вклучува и репродукција, витална за секој колективитет, ниедно општество не би можело да си дозволи, сексуалното однесување да го остави аморфно и да го препушти на своите членови да го обликуваат по сопствено убедување. Општественото регулирање на сексуалноста, всушност произвело многубројни ангажмани во односот помеѓу половите, дефиниција на родовите и институционализација на брачните и семејните односи.

Концептот на индивидуалните човекови права беше прифатен во Република Македонија со здобивањето на независноста во 1991 година. Процесот на апликација и операционализација одат паралелно со промените во легислативата и промените во практиката и секојдневниот живот, како и во спроведувањето на новите вредности. Дебаланс на овие два процеса е присутен во сите области. За практиката не е толку лесно да ги следи суштинските промени во теоретските и научни приоди и легислативата.

***Клучни зборови**: хомосексуалност, хомофобија, човекови права и слободи, регистрирани партнерства*

Вовед

Проучувањето на општествените девијации, па и хомосексуалноста, освен своето самостојно значење, важно е и како допринос во корпусот на општото социолошко знаење во даденото општество. Девијантноста,

начинот на нејзиното дефинирање и нејзината општествена ,,одбрана,, од неа, се важни чинители на интеграција во општеството како морална заедница: ,,Афирмација на некое морално начело нужно поставува граници на исправното однесување и доведува до жигосување на постапката која лежи на онаа страна на границата која се води како неморална. Општественото значење било девијантно (неморалност) било пристојност (моралност) може адекватно да се разбере доколку единствено се става во однос спрема она другото, спрема својата спротивност,, (Rock, 1973:53-54). Значи со девијацијата повторно одново се враќаме на нормата според која таа се мери. Во случај со хомосексуалноста, отстапувањето се состои во кршење одредби на владеачкиот тип на општествена регулација за сексуалноста.

Жестоко осудување на хомосексуалноста, како сексуален ,,престап, е во врска со воопштената правилност, која уште Диркем ја воочува, дека интензитетот на општественото реагирање на девијантниот чин е сразмерен со значењето на местото кое прекршената норма го завзема во колективниот морален поредок (Диркем, 1972).

За обликувањето на социолошкиот поглед, допринеле различни фактори, а пред се: натрупување на антрополошка граѓа за распонот на културни варијации од нормативното регулирање на сексуалноста, геј политиката, односно настанување и јакнење на движењето за хомосексулна слобода, па се до поместување на прашањето на друг терен, односно во областа на човековите права. Претпоставките за социологија на хомосексуалноста создадени се со артикулирање на симболичкиот интеракционизам, попрецизно, теорија на етикетирање како особена примена на овој правец на социологија на девијациите. Теоријата на етикетирање претставува револуција за оваа област, област која дотогаш се нарекувала ,,социјална патологија,,. Промената на називот на дисциплината, го отсликува поместувањето на парадигмите: додека употребата на терминот ,,патологија,, очигледно се темели аналогно на медицината, каде што во главно е јасно, што е ,,здраво,, а што ,,болно,, но кога за нешто ќе се употреби терминот ,,девијација,, со тоа се тврди дека дотичната појава од нешто отстапува[1]. А самата норма од која се отстапува, благодарение на интеракционизмот, станува занимлива како феномен сама по себе.

Статистичката малубројност на хомосексуално ориентираните поединци внатре во општата популација не е овде пресудна[2]. ,,Иако хомосексуалноста обично се смета за посебен ,,проблем,, кој треба да се истражи изолирано од другите општествени појави, најновите истражувања откриваат

[1] Edwin Lemert, дава детална анализа во Social Pathology, New York: McGraw-Hill, 1991.

[2] Ова не може да биде земено во обзир во ригорозна статистичка смисла, имајќи во предвид дека категориите се произволни и дека не се однесуваат на броеви или на размер на сексуалните чинови

дека ставовите кон хомосексуалноста се нераздвојно поврзани со пошироките прашања: функции на семејството, еволуција на половите улоги, ставовите за хомосексуалноста воопшто. Официјалната и популарна реакција за хомосексуалноста и хомосексуалците можат да се земат како клучен показател за пошироките претстави за сексуалноста (Weeks, 1983:3). Анализа на поимањето за хомосексуалноста во едно општество, може многу да зборува за природата на целокупниот морален поредок.

Терминологија на поимот хомосексуалност

Самиот термин ,,хомосексуалност,, е настанат релативно скоро од австрискиот лекар Каролј Марија Бенкерт, од грчкиот префикс ,,homo,, (исти), и латинскиот корен ,,sexus,, (пол). Од 30-те години на 20 век, терминот превзема функција на најопшти ознаки за цел сплет на појави во врска со сексуалноста насочена на ист пол. Се користат термини од библиско потекло: ,,содомија,, ,,противприроден блуд,, ,грев против природата,, или дури ,,crimer inter Christianos non nominandum,, (грев кој помеѓу христијаните не смее да се именува). Сепак, поимите хомосексуалност и хомосексуалци, се производ на историски момент. Тие ја одржуваат новонастанатата идеолошка потреба сите манифестации на хомосексуалните склоности, поимно да се обединат и на тој начин да се издвојат како посебен ентитет: ,,Овие изрази не се текови на нови етикети за старата реалност, тие укажуваат на една реалност која се менува поглед на начинот на кој непријателското општество ја етикетира хомосексуалност и во поглед на начинот на кои стигматизираните гледаат сами на себе,, (Weeks, 1983:3).

Ознаката ,,геј,, настанува како автентичен продукт на хомосексуалната поткултура, односно нејзиното настојување, на хомосексуалниот определен поединец да му понуди средство за непогрдно самоозначување. Додека ,,хомосексуалецот,, е повеќе објект на општественото означување, ,,геј,, е субјект на сопствената пракса на самосвесниот поединец. Тој учествува во геј поткултурата: ,,Изолираниот геј не е геј,,. Изолираниот геј мисли дека е единствен геј на светот, и веројатно дека и тоа не го мисли,,. Тој, макар начелно, се ослободува од општествено наметнатото чувство на вина поради своите сексуални склоности и не бега од геј идентитетот: ,,Геј е личност која е сексуално склона кон ист пол, и таа своја склоност ја реализира низ општествените чинители. На тој начин гради свој јазик, мода, уметност, своја свест, институции, како што се барови, списанија, накратко, заедници. На другата страна пак, хомосексуалецот е некој кај кого контактот со особата од ист пол почнува и завршува со самиот сексуален чин, без некоја јасна свест за својот вистински идентитет.

Хомосексуалноста во минатото и денес

Хомосексуалното однесување било многу раширено во минатото, но во денешното општество е интегрирано во нормативниот поредок и лишено од врската со поимот ,,хомосексуалец,, како општествена улога. Пластичноста на човечката сексуалност и нејзината подложност на делувањето на општествените чинители претставува можеби најдобар пример за културната релативност на нормите: ,,Во оваа област тешко дека можеме да замислиме нешто што во друга култура не претставува веќе востановена норма, или барем секојдневна појава која се толерира.,,(Berger & Luckmann, 1966:67). На тој начин стана јасно дека некогаш раширената претпоставка за универзалното неодобрување на хомосексуалноста како облик на сексуално изразување, нема никаква основа. Напротив, многу општества во текот на историјата ја институционализирале во легитимна, па дури и ја сметаат како еден вид на сексуална активност.[3]

Наместо опседнатоста со енигмата ,,Од каде хомосексуалност? Што ја предизвикува?, сега се присутни прашања од типот: ,,Зошто одбивност, омраза и страв кон хомосексуалноста и прогон на хомосексуалецот, длабоко врежани во западната цивилизација? Кои се околностите кои се одговорни за тоа, и какви интереси се вклучени во тоа? Овој пресврт во прашањата бил еден од првите теми кои ги обработува новиот правец на културолошки истражувања, со автентично потекло во геј поткултурата, односно геј студиите.

Со настанувањето на капитализмот почнува да се придава значење на семејството како основна општествена ќелија на општествената организација, со што хомофобичниот сексуален морал добиваат нова идеолошка основа. Идеологијата за моногамно семејство како еден дозволен облик на приватниот и сексуалниот живот, зацврстува една нова представа за љубовта, нови сексуални правила, ново значење и методи за социјализација на деца.

Во текот на 20 век имаме нагласена дивергенција, односно на една страна нараснуваат еманципаторските тежненија во оваа област како и во другите, се профилираат првите вистински геј поткултури, кои од средината на векот почнуваат постепено ,,излегуваат од сенка,, за од 1970 година сосема политизирани, јасно го артикулираат gej liberation movement, движење за геј ослободување. Од друга страна, ова е и век на систематска репресија над хомосексуалците. Криминализацијата на хомосексуалниот однос била задолжителна во сите национални законодавства, а казните често и долготрајни. Овој период исто така е сведок на драстичен прогон на хомо-

[3] Gordan Rattray Taylor, "Historical and Mythological Aspects of Homosexuality," in Marmot, op. cit.; Fernando Henriques, *Prostitution and Society,* Vol.. 1, London: MacGibbon and Kee, 1962, str. 341-343.

сексуалците во нацистичка Германија и сталинистичка СССР, каде што биле лишувани од сите права и испраќани во концентрациони затвори.

Социо-психолошките теории сакаат да укажат на значењето на општествените фактори. Формирањето на хомосексуалната ориентација е поврзано со престојување во затворени институции (затвори, манастири, интернати, војска), или неуспехот во хетеросексуалните контакти.

Симболичкиот интеракционизам, односно, теоријата на етикетирање, обликувана во 60-те години, го скрена вниманието на вредносните судови кои се кријат позади привидната непристрасност на патолошкиот модел. Дихотомијата ,,здраво/болно,, ,,исправно/погрешно,, се повеќе се условени од структурата на владеачкиот образец на мислење во даденото општество и многустраната поврзаност со општествената раслоеност. Интеракционистите самата норма ја истакнале како значаен предмет на социолошките расправи. Истражувајќи ја хомосексуалноста, социологијата се помалку се задржува на природата и причините за сексуалните односи помеѓу лица од ист пол, и почнува да го анализира карактерот, општествените корени и начинот на примена на нормите кои ја регулираат таа област, повратното влијание на процесот на етикетирање за сопствената претстава ,,самоетикетирање,, (Gagnon& Simon, 1968:352).

Животни заедници на лица од ист пол

Новиот милениум на разни страни во светот ќе започне со законски промени кои се покомплетно го дефинираат граѓанскиот статус на хомосексуалната личност. До сега ниту една држава не им дава на хомосексуалците исти права во поглед на склопување на брак кои ги имаат хетеросексуалните парови. Сепак, пет нордиски држави, им дозволува на истополовите парови, со закон регулирано заедништво, кое се нарекува, регистрирано партнерство: тоа се Шведска (1995), Норвешка и Холандија (1993), Данска (1989), и Исланд (1996), а наскоро сигурно ќе им се придружи и Финска. Данска, Норвешка и Шведска имаат на ист начин регулирано ,,регистрирано партнерство,, кое ги предвидува сите права и должности на партнерор како и личноста во хетеросексуалниот брак, со исклучок на правото за посвојување, венчавање[4] во црква, бесплатни болнички услуги за вештачко оплодување.[5]

[4] Свештениците во тие земји сепак сметаат дека тоа треба да биде работа на совеста и лична одлука на секој од нив посебно. Многумина пристануваат да ја извршат црквената церемонија ,,венчавање на парови од ист пол,, и покрај фактот дека црквената организација не ја признава валидноста на таквата церемонија.

[5] Тоа се однесува само на оние услуги чии трошоци ги подмирува редовното социјално осигурување, всушност се плаќаат од буџетот, приватните клиники и н нивните услуги платени од страна на пациентите, не се забранети. Тоа ги дискриминира лезбејките, затоа што

Законот за регистрирано партнерство на Исланд дозволува партнерот да го посвои биолошкото дете од својот партнер. Во сите споменати држави, најмалку еден член на идното регистрирано партнерство мора да биде државјанин или постојан жител. Странци не можат да склучуваат регистрирано партнерство ниту во една од споменативе држави. Инаку, идејата за регистрирани партнерства во нордиските земји се остварила, низ дведецениски законски промени, кои се повеќе биле поврзувани со разните социјални бенефиции за заеднички живот (кохабитација), а се помалку за формално постоечкиот брак. Во текот на 70-те години, хомосексуалните парови се суштински и во пракса изедначени со взаемните права (на пример, социјално осигурување, право на наследство, заеднички имот, олеснителни даноци), со невенчаните хетеросексуални парови без деца. Всушност, било логично, она што им се признава на невенчаните хетеросексуални парови, кои имаат на располагање и можност за склопување на законски брак, тоа да им се признае на хомосексуалните парови, кои таа можност ја немаат. Понатамошниот чекор, бил озаконување, регистрирање на тие заедници, поради олеснување за евиденција и администрирање на нивните права. Првобитната идеја, всушност, не била озаконување на некаков ,,второстепен,, брак, ниту пак се помислувало на било каков ,,брак,, на хомосексуалци.[6] Но, кога постепено се дошло до регистрирано партнерство, се воочило дека е доста сличен со бракот, од кого се разликува само во околностите поврзани со признавањето на родителските права. [7]

Во нордискиот ,,клуб,, на земји, му се придружија и некои земји во транзиција. Маџарскиот парламент во 1996 година, гласал со 207 гласови за и 73 против, за да се легализира т.н. брак,, на хомосексуалци врз обичајното право (common law marriage). Тоа било сосема неочекувано, бидејќи на донесувањето на законот не му претходела некоја општествена кампања од стана на здруженијата на хомосексуалци. Маџарскиот закон на регистрираните партнерства кои живеат во ,,обичајноправниот брак,, им ги дава сите права кои ги имаат сопружниците во законскиот брак, освен правото да посвојуваат деца. Од 1996 година, постојат наговестувања дека Чешка и Словенија исто така би го озакониле регистрираното партнерство на истополови парови.

тие треба да плаќаат прилична сума за нешто што на хетеросексуалните жени им се овозможува бесплатно.

[6] Големите работодавци и транснационални компании, како што се на пример, World Bank, European Monetary Institute, IBM, но исто така и политички тела, European Parliament, European Commission, идат во иста насока, овозможувајќи им на невенчаните партнери исти олеснувања, кои ги имаат брачните другари на нивните службеници. Најзначајно е здравственото осигурување, но постојат и други повластици, како на пример, бесплатни јазични курсеви, користење на ресторани и кантини од затворен тип и сл.

[7] Rex Wockher: Same-sex marriage, Nordic-style, Advocate, February, 1997, pp.26

Регистрираните партнерства и нивното политичко значење

Регистрираното партнерство,[8] скандинавски (или европски) тип, се разликува од брачната заедница на лица од различен пол, ,,само,, по една главна одредба, а тоа е правото на деца. Станува збор за право, истополните парови да остварат родителство, односно, да дојдат до деца, преку вештачко осеменување,[9] посвојување, остварување со судско доделување на старателство над сопствените деца или децата на својот партнер. Многу е важно ова право да стане законски признато, бидејќи тоа е заштита од блиски крвни сродници, бивши хетеросексуални партнери, но и за самата држава, од оние кои како ,,неподобни,, (хомосексуалност автоматски, од страна на многу судови се зема како причина за неподобност), им се одземаат децата.

Следната разлика помеѓу регистрираните партнерства, кои во главно обемна и особено важна област на граѓански, статус на истополови парови, е меѓународното признавање на бракот, било каде и да е склопен. Всушност, бракот важи секаде без оглед, чии државјани се во прашање, каде и да е склучен, со сите разлики во законската регулатива, услови и постапки за склучување на брак помеѓу различни држави. Регистрираното партнерство, пак важи само во држави, чии што закони го одобруваат тоа, на нејзина територија и нема дејствија надвор од нејзините граници. Исто така, тоа е овозможено само на државјани на тие држави, па потребно е најмалку еден член од истополниот пар да има домицилно државјанство.

Регистрираното партнерство е законско признавање на ,,другото,, тоа значи легализирано право на различноста, право не само на толерирани, туку и закон на активна заштита на ,,другото,,. Тоа го носи со себе правото на гарантирани граѓански права, признати на припадниците на малцинството, маргинални по број или општествено влијание. Регистрираното партнерство е богатство на едно општество и тоа не само морално: не е случајно што државите кои признаваат или се нат да овозможат законска регулатива на истополовите парови, сапаѓаат меѓу државите со најголем животен стандард, мерено според материјалните критериуми.

Комплет на стандарди за човековите права во Европската заедница, исто така содржи и Резолуцијата за еднакви права на хомосексуалците кои

[8] Постапката на регистрација е едноставна: во административна канцеларија, и двете лица потпишуваат формулар о плаќаат 30$, и после три работни дена, добиваат декларација за тоа дека меѓу нив е склучено регистрирано партнерство. На истиот начин и се ,,разведуваат,,.

[9] Терминот вештачко осеменување (artificial insemination) е во широка употреба, но постојат примедби поврзани со атрибутот ,,вештачки,,. Всушност децата кои се зачнати и се родени по тој пат не се ништо ,,помалку,, природни или ,,повеќе,, вештачки од другите деца. Евентуалната замена на овој термин, како што се: ,,alternative insemination,, или ,,assisted reproduction,,, не се сеуште прифатени. (Kati Mustola, Studies about children raised by lesbian parents.

Европскиот парламент ја донел 1994 година. Во членот 14, земјите членки, помеѓу останатото, препорачуваат како минимум да се укинат законските забрани на хомосексуалците да се венчаваат, како и да дозволат регистрација на животните партнерства на истополови парови. Истиот член исто така препорачува крај на сите ограничувања на правата на хомосексуалците да станат родители, да посвојат деца.

Полн обем на граѓански права подразбира и исклучување на дискриминација на хомосексуалците, како и сите останати ,,други,,. ,,Europride97,, во својата официјална политичка платформа, изразила настојување хомосексуалците на Европа да престанат да бидат граѓани од втор ред:,,Европа не е само трговска, финансиска и воена Европа; Европа е настојување жените и мажите кои сакаат да делат исти права и должности. Ние сакаме вистинска Европа на граѓани. Ние сакаме вистинско европско право на граѓаните,,. Дел од барањата за целосни граѓански права е и барањето од сите држави на Европа, законски да ги признаат животните заедници на истополови парови со признавање на родителските права на сите хомосексуалци и бисексуалци (право на посвојување, на старателство и вештачко осеменување).

Статус на истополови бракови во Европа

Данска: 1989 година, станала првата земја во светот која дозволила венчавање на истополовите парови, меѓутоа не дозволуваат посвојување на дете од истите.

Шведска: 1995 година, им дозволила на хомосексуалците да се регистрираат како партнери во некој вид на граѓански брак. На таквите парови не им е дозволено да посвојуваат деца, дури ни со вештачко оплодување.

Во **Норвешка** законот за регистрирани партнерства, е донесе на 1 април 1993 година, а стапил на сила на 1 август 1993 година.

Во **Холандија** стапил на сила нов закон 1998 година, кој им дозволува на гејлезбејските парови да се венчаваат давајќи им пензија, социјално осигурување и наследно право како и на другите венчани парови. Холандската влада одобрила план со кој на хомосексуалните парови им се одобрува посвојување на деца.

Исланд:1990 година на хомосексуалните парови им овозможува многу права кои ги имаат и хетеросексуалните венчани парови, меѓутоа не им е дозволено посвојување.

Белгија: Законот е усвоен 1998 година, и им дозволува на геј паровите наследни права, како и отворање на заедничка банковна сметка.

Франција: истополовите парови немаат правен статус. Законот кој тоа треба да им го овозможи моментално е во дискусија во парламентот.

Шпанија: хомосексуалните парови немаат службен статус. Североисточниот, каталонски регион, неодамна донесе закон со кој се признаваат хомосексуалните парови, но не им се дозволува посвојување на деца или наследни бенефиции.

Германија: Новата влада има за цел да одобри некој правен статус на истополови парови, но без право на посвојување на деца.

Англија: законодавното тело изгласало да им се овозможи на хомосексуалците да примат државна пензија после смртта на партнерот.

Мацарска: донела закон во 1996 година, со кој им се одобрува на геј паровите, право на наследување, но не им се дозволува посвојување.

Хомофобија

Заслугата дека ја сковал и го популаризирал поимот ,,хомофобија,, му се припишува на Georgeu Weibergu во книгата, која во многу работи претставува пресврт -,,Општество и здрав/а хомосексуалец/ка,,(Society and the Healthy Homosexual, 1972). Тој овој поим го користел за да го објасни стравот кои го чувствуваат хетеросексуалците кога ќе се најдат во близина на хомосексуалец, како и омразата кон самите себе кои ја чувствуваат хомосексуалците, поради својата сопствена сексуална ориентација (т.н. интернализирана хомофобија). Секојдневната употреба ја проширила првобитната дефиниција, така што денес ги вклучува и другите негативни ставови за хомосексуалците.

Wainwright Churchill, во 1967 година, го употребува поимот ,,хомоеротофобија,, во ,, Homosexual Behavior Among Males,, за да го опише културниот страв од истополовиот еротизам и сексуалност. Тврдел дека негативните ставови за хомосексуалното однесување и луѓето се одраз на културата која има негативен однос кон сексуалноста, каде што се верува дека сексуалниот нагот претставува закана за општествената организација.

Многумина се противат на употребата на суфиксот ,,фобија,,. Херек смета дека изостанок на хомофобија се смета за дисфункционален. Тој смета дека поединецот мора да биде хомофобичен, за да го сметаат за маженствен во современото општество, додека оние кои не се хомофобични ги сметаат за сомнителни. Изгледа дека постои согласност дека кај некои луѓе фобичната реакција (онака како што е традиционално дефинирана) на хомосексуалноста е присутна, но декаа ова не го објаснува, ниту прецизно ги опишува сложените начини на доживување на хомфобијата од страна на повеќе луѓе.

И покрај тоа, хомофобијата е се уште општо прифатен поим со кој се опишува распонот на чувства и ставови кои често резултираат со однесување како што е избегнување, исмејување и ругање, насилство, убиство, омраза кон самиот себе и самоубиство.

Кога е во прашање врската помеѓу конвенцијалноста на половите улоги и ставовите кон овие луѓе, наодите од истражувањата се контрадикторни. Некои од конзистентните обрасци кои се јавуваат во научната литература, а се однесуваат на хомофобичните лица, се следниве: помалку е веројатно дека лицата со негативни ставови кон хомосексуалците имале лични контакти со нив, и исто така, мала е веројатноста дека би признале дека имале искуство со хомосексуално однесување или дека себе би се означиле како геј или лезбејка.

Прегледот на истражувањата на хомофобијата јасно подвлекува како личните и емоционалните димензии на индивидуалната психологија, како и комплексната општествена психологија на меѓугрупните конфликти, предрасудите и промена на сексуалната политичка идеологија, меѓусебно се поклопуваат. И покрај фактот, што многу повеќе лезбејки, гејови и бисексуалци живеат отворен живот, заснован на прифаќање и дефинирање на себе си и афирмација, и понатаму постои клима на активно насилство и репресија. Дијалектиката на омраза и прифатеност продолжува

Процесот на ширење на некој домен на човековите права неопходно го следат политички случувања. Човештвото беше во состојба да го укине ропството и да воспостави одредени основни права за жените речиси во целиот свет. Ние развивме демократски институции и граѓански општества. Почитувањето на човековите права и основните слободи е предуслов за успешен општествен и политички живот во сите општества. Ние мораме да ја признаеме еднаквоста а да ја почитуваме различноста. На 50-та годишница на „Универзалната Декларација за човекови права„ се повикува на јакнење на човековите права. Основниот дел на човековите права е признавањето на правото на поединецот за развој на својот личен идентитет и сексуалност, ослободени од принуда и дискриминација. Бараме закони кои забрануваат дискриминација.

Хомосексуалноста во Република Македонија од аспект на човековите права и основни слободи

Промените во однесувањето, во менталната матрица на поединецот, во традицијата и образованието, се случуваат многу бавно, со периоди на стагнација, понекогаш одејќи и наназад или со големи паузи. Индивидуализацијата, која што произлегува самата по себе од концептот за човековите права, специфичниот аспект на индивиндуалната слобода поврзана со дос-

тоинството на човекот и можноста за избор и флексибилноста на граѓанскиот концепт, се елементи кои најтешко го поминуваат испитот на практиката. Секако, прашањето за хомосексуалноста едно од најчуствителните прашања од оваа област.

Традиционално, на овие простори, хомосексуалноста била осудувана и санкционирана. Се до промените во Кривичниот Законик во 1996 година, хомосексуалноста беше третирана како кривично дело и беше предвидена казана затвор. Тоа значи дека, на на ниво на легислатива, беа потребни пет години за да се прифати идејата дека хомосексуалноста не е кривично дело и дека не треба да се казнува. Бришењето на кривичното дело од Кривичниот Закон, не беше проследено со било каков друг вид на активност од страна на државата или од невладиниот сектор, во насока на промена на традиционално-моралното однесување и санкционирање. Од кривичната одговорност и казна, фокусот се пренесе кон опишување на хомосексуалноста како: не нормална појава, болест, перверзија, дегенерација. Конзистентната примена на концептот на индивиндуални права и слободи вклучуваат промовирање на вредносна матрица од овој концепт низ целокупната социјална структура, заради минимизирање на областите на дискриминација, од било која причина, доколку е тоа можно.

Борбата за воспоставување на фактичка еднаквост помеѓу хетеросексуалците и не-хетеросексуалците е еден од главните императиви и на модерните универзитети ширум светот. Многу од овие универзитети имаат развиено сопствени анти-дискриминаторски политики, кои вклучуваат и воспоставување на посебни механизми за борба против хомофобијата, за промовирање на сексуалната различност, и за поттикнување на лицата кои имаат поинаква сексуална ориентација.

Денес, ретко кој од водечките универзитети ширум светот нема сопствена политика за еднакви можности, за борба против половото и сексуално вознемирување, како и против останатите видови нееднаквост. Може да се наведат бројни примери за различни програмски/институционални форми насочени кон елиминирање на нееднаквоста: воведување на посебни морални кодекси на однесување со кои експлицитно се забрануваат акти на хомофобија и барање од потенцијалните студенти да потпишат изјава дека ќе се придржуваат до моралниот кодекс пред било какво интервју за прием (Јејл); креирање на посебни бордови за анти-дискриминација кои одлучуваат и по жалбите за хомофобија (Мичигенскиот универзитет); востановување посебни тела - на пример, универзитетски комитет за сексуална ориентација - чија мисија е во најголема можна мерка да ги „елиминира актите на хомофобија и хетеросексизам од страна на факултетот, вработените, и студентите“ (Универзитетот на Илиноис); креирање на посебни ЛГБТ-центри, преку кои студентите можат да известуваат за акти на хомофобија и дискриминација

(во Принстон, на пример, каде што студентите можат да пополнуваат анонимни on-line формулари), итн.

Модерните универзитети не нудат само анти-дискриминаторски политики и решенија, туку и различни форми за промоција на сексуалните права и сексуалната различност, преку воспоставување на посебни студии, наставни програми, преку посебни презентации наменети за студентите, најпосле, преку организирање на тракалезни маси и дебати за правото на сексуална недискриминација и за потребите од воведување на посебни мерки за заштита на сексуално дискриминираните.

Како резултат на промоцијата на сексуалните права и сексуалната различност, модерните универзитети стануваат места каде што многу млади луѓе можат отворено да ја изразат сопствената сексуална ориентација, и каде што слободно можат да се организираат за да се заштитат од случаи на сексуална дискриминација. Создавањето на атмосфера која ќе биде толерантна кон не-хетеросексуалците станува заеднички императив на универзитетските и студентските тела, затоа што тоа е мерлив показател од кој зависи имиџот на Универзитетот, односно неговиот ранг на листите на престижни и пожелни универзитети.

Во случаи на експлицитни или имплицитни акти на нетолеранција или хомофобија, веднаш проработуваат постоечките заштитни механизми, честопати проследени со јавни изрази на протест - бојкоти на предавањата на „духовитите“ професори кои имаат обичај да кажуваат сексистички или хомофобични вицови или да даваат такви забелешки, петиции против актите на сексуална нетолеранција, па и отворени протести за уривање на раководните лица во случај на изјави кои не се во согласност со постоечките политика за еднакви можности помеѓу хетеросексуалците и не-хетеросексуалците.

Отсуството на експлицитни универзитетски политики, наставни програми, институционални механизми и дебати за сексуалните права и сексуалната еднаквост се показател за конзервативноста и нетолерантоста на нашите универзитети.

Summary

Many theories have been proposed to explain the genesis of homosexuality, including psychoanalytic, sociobiological and gestational neurohormonal theories. Of these, the latter is the most scientifically comprehensive and testable. The gestational neurohormonal theory is consistent with many of the data used as evidence for genetic contributions, because production and control of the critical hormones are under significant genetic control.

Homosexuality is now a widespread topic for discussion among common people, movie makers and especially for the politicians whose laws affect a lot of homosexual individuals in a country. These politicians become very active during the election time and try to lure these people by promising them special grants and flexibility.

Sexual orientation is a relatively recent notion in human rights law and practice and one of the controversial ones in politics. Prejudices, negative stereotypes and discrimination are deeply imbedded in our value system and patterns of behavior. For many public officials and opinion-makers the expression of homophobic prejudice remains both legitimate and respectable - in a manner that would be unacceptable for any other minority.

The main principles guiding the rights approach on sexual orientation relate to equality and non-discrimination. Human rights advocates, lawyers and other activists seek to ensure social justice and guarantee the dignity of lesbians, gays and bisexuals.

Its ok if a person is bisexual but homosexuality can be ,,dangerous,, to a society with the prospects of its evolution and growth. It will be the best way to educate people about all these issues and not hide them from our children since it can be very important one day when your child grows up and understands all this.

Литература

1. Aguero, E., Bloch,L. & Byrne,D.: *The Relationships Among Sexual Beliefs, Attitudes, Experience and Homophobia*. Journal of Homosexuality, 1989. vol.10, pp. 95-107.
2. Ang, I.: *Living Room Wars, Rethinking Media Audiences for a Postmodern World,* London and New York, 1996. Routledge.
3. Annas,G.J.-Ellias,S.: ur: *Gene Mapping: Using Law and Ethics as Guides*, New York.1992.
4. Arpad, J.J.: *The Question of Hungarian Popular Culture*, Journal of Popular Culture, 1995.Vol.29.2.
5. Beck,U.: *Risk Society*, prev.M.Ritter, London, Sage. 1992.
6. Berzon, B.: *Setting Them Straight: You Can Do Something about Bigotry and Homophobia in Your Life*, New York: Penguin, 1996.
7. Blumenfeld Warren J.: *Homophobia: How We All Pay the Price*, Boston: Beacon Press.1992.
8. Churchill W.: *Homosexual Behavior Among Males: A Cross-Cultural and Cross-Species Investigation*. New York: Hawnthorn. 1967.

9. Cohen, S.: *Folk Devils and Moral Panics: The Creation of the Mods and Rockers*, London, MacGibon&Kee, ново издание со вовед, Oxford, Martin Robertson, 1980

10. Ficarrotto T.J.: *Racism, Sexism and Erotophobia: Attitudes of Heterosexuals Towards Homosexuality,* Journal of Homosexuality. 1990.Vol.19 pp.111-116.

11. Gagnon, J., William S.: "Homosexuality: The Formulation of a Sociological Perspective", u: M. Lefton, J. Skipper, C. McCaghy (ur.), *Approaches to Deviance*, New York: Appleton Century Crofts.1968.

12. Herek, G. M., Beyond.: "Homophobia": *Social Psychological Perspective on Attitudes Towards Lesbians and Gay Men*. Journal of Homosexuality.1994. Vol. 10, pp. 39-51.

13. Hunt, M..: *Gay: What You Should Know about Homosexuality*, New York: Simon and Schuster.1997.

14. James T. Sears, Walter L. Williams.: *Overcoming Heterosexism and Homophobia : Strategies That Work (Between Men--Between Women)*, New York: Columbia Universiti Press.1977.

15. Kinnunen, L, H. Moltz, et al.: "*Differential brain activation in exclusively homosexual and heterosexual men produced by the selective serotonin reuptake inhibitor, fluoxetine."* Brain Res. 2002

16. Lussier, E. Gay. *Activist Press Teachers on Sexual Minorites. Concerned Women for America*, Vol. 13 (Aug. 1981), pp.11-13.

17. McNaron, Toni A. H.: *Poisoned Ivy: Lesbian and Gay Academics Confronting Homophobia*, Philadelphia: Temple University Pres. 1997.

18. Oikawa Mona, Dionne Falconer & Ann Decter: *Resist: Essays against a Homophobic Culture*, Toronto: Women's Press.1994.

19. Peterson K. Jean (ed.), *Health Care for Lesbians and Gay Men: Confronting Homophobia and Heterosexism*, New York: Harrington Park Press.1996.

20. Rahman, Q., S. Abrahams, et al.: "*Sexual-orientation-related differences in verbal fluency."* Neuropsychology 2003

21. Weeks, J.: *Coming Out: Homosexual Politics in Britain, from the 19th Century to the Present*, London: Quartet Books.1983.

22. Weinberg G.H.: *Society and the Healthy Homosexua*l. New York: St. Martin's Press.1992.

342.2 : 340.13

Асс. м-р **Биљана НАЧАРОВА**

ДИСТИНКЦИЈА ПОМЕЃУ КОНЦЕПТОТ ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО И КОНЦЕПТОТ ПРАВНА ДРЖАВА

Апстракт

Владеење на правото(Rule of Law) и правна држава (Rechsstaat) се термини кои после осамостојувањето на Република Македонија почнаа интензивно да се користат како во академската така и во пошироката, посебно во политичката јавност.Честата употреба на овие термини, а уште повеќе фактот што тие во на најголем број случаи се користат како синоним, иако се работи за суштински различни концепти ја наметнува потребата од нивна теоретска елаборација. Во текстот преку теоретска елаборација на концептот владеење на правото и негова дистинкција од концептот правна држава, како и преку обид за поимно определување на демократијата ќе се дојде до заклучок кој од овие два концепти е поприфатлив за процесот на демократизација на општеството.

***Клучни зборови**: Владеење на правото, правна држава, демократија*

Вовед

Терминот владеење на правото во Република Македонија почна да се користи во средината на осумдесетите години од 20 век како најава на процесот на транзицијата кон демократија што се случи само неколку години подоцна. Во тоа време користењето на овој термин македонските политичари го сметаа како заговор против државата, иако веќе со крајот на Студената војна и распадот на СФРЈ истите тие политичари без проблем и многу природно ги прифатија и терминот владеење на правото и терминот правна држава, со образложение дека тоа се средствата преку кои ќе се остварува процесот на демократизација на државата. Денес, две декади подоцна, термините владеење на правото и правна држава се користат со истата првобитна еуфорија без сеуште да се знае вистинското значење на концептите и без да се прави разлика помеѓу нив (*Иванов Ѓ. 2006,4).*

После конфликтот во 2001 година во услови на постконфликтно градење на државата, пред институциите во Република Македонија е една од

најтешките и најчувствителните задачи, воспоставување и заживување на принципите на владеење на правото во секојдневниот живот.

Во време преоптоварено со кризи, конфликти и сериозни социјални проблеми, во ситуација на повеќегодишна деструктивна транзиција како да се маргинализира улогата што би можеле да ја имаат функционалните демократски институции. Тие институции од една страна би можеле да обезбедат поголема општествена и политичка стабилност, а од друга страна да ја дефинираат и зацврстат положбата на граѓаните спрема носителите на државната власт.

Според Томас Џеферсон привлечноста и динамизмот на демократијата произлегува од фактот што таа ветува живот, слобода и потрага по среќа.

Сепак и покрај огромната привлечна сила на демократијата како начин на живеење, посебно за авторитарните и сиромашни држави, треба да се има предвид фактот дека демократијата од една страна воопшто не е крајна цел, туку процес, а од друга страна демократијата не е универзален лек за сите болести и недостатоци во едно општество, туку добро избалансиран збир на институции и правила преку кои на побезболен и поефикасен начин се настојува да се решат општествените проблеми и да се остварат различните интереси на членовите во заедницата.

1. ДИСТИНКЦИЈА ПОМЕЃУ КОНЦЕПТОТ ПРАВНА ДРЖАВА И КОНЦЕПТОТ ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

Концептите правна држава и владеење на правото се суштински различни, но нивнато често поистоветување во политичката, правната, но и во пошироката јавност се објаснува со следниве причини:

Прво, државата е пред се правна организација, односно организација која е втемелена врз правни норми и која функционира како резултат на примена на правото. Оттука, државата е нераскинливо поврзано со правото. Таа го создава правото и ја обезбедува неговата примена, во таа смисла секоја држава е правна. Меѓутоа, разликата помеѓу демократска, авторитарна и тоталитарна е во капацитетот на државата за признавање и заштита на слободите и правата на човекот .

Второ, во научната литература се смета дека и владеењето на правото и правната држава имаат заедничка општествено-економска, политичка и теориска основа: граѓанското општество и либерализмот. Во таа насока и двата концепти се сметаат за правна форма на либералната држава *(Климовски С. 1998, 691).*

Сепак честата употреба на овие поими како синоним е резултат на фактот што и двата концепти инсистираат на супрематија на правото и легалитет во дејствување на државните органи.

Поимот владеење на правото повеќе се заснова на природното право, а поимот правна држава повеќе врз теоријата за позитивно право. Првиот поим акцентот го става врз природата на нештата односно врз содржината на уставот и законите, а вториот врз рационалните функции на правниот поредок и формалните белези на уставот и законите. Како последица на тоа концептот на владеење на правото потесно корелира со либералната демократија и човековите слободи и права како неприкосновена сфера, а помалку со функциите на власта и формалната законитост. Додека пак правната држава е во потесна врска со статусот и функциите на државната власт и начелото на формална законитост, а помалку со квалитетот на законите и слободите и правата на граѓаните (*Шкариќ С. 1995, 79)*.

Во теоријата за чекор напред кон развојот на демократијата се смета фактот што во последниов период од развојот на уставноста, концептот на владеење на правото се почесто станува уставна категорија, иако тоа е само формален израз на волјата на конкретната држава за гарантирање на човековите слободи и права. Во таа насока и Уставот на Република Македонија владеењето на правото го определува како една од темелните вредност на уставниот поредок на Република Македонија (Преамбула и чл.8).

1.1 Карактеристики на концептот правна држава

Терминот правна држава етимолошки се изведува од германскиот збор Rechtsstaat, кој за прв пат почнал да се користи на почетокот на 19век како синоним на конституционализмот со чија помош се опишувала внатрешната организираност на одделните државни органи, нивните меѓусебни односи, положбата на граѓаните спрема носителите на јавната власт. Овој термин во правната литература за прв пат е воведен од германскиот теоретичар Роберт фон Мол кој во правната држава гледал средство за воспоставување на уставна власт, а со тоа и шанса да се намали арбитрерноста на дотогашната полициски организирана држава *(Климовски С. 1998, 688).*

Теоријата на правна држава опфаќа три поврзани поими: материјален, формален и социјален поим.

1. Материјалниот или поширокиот поим на правна држава води сметка за предноста на правото во однос на државната власт, за заштита на личните слободи и на индивидуалноста на личност како услов за сестран

развој на нејзините способности. Во функција на тоа правната држава ги има следниве цели:

- Неповредливост на личните слободи и права;
- Обезбедување на поволни услови за развој на граѓанското општество;
- Утврдување на правните граници на државната власт спрема поединецот како автономна индивидуа.

Во политичка смисла, поимот го надминува тесното формално-правно сфаќање на правната држава, бидејќи материјалниот поим се обидува да даде одговор на прашањата за суштината и целта на правниот поредок. Од тие причини овој поим е многу близок до англосаксонскиот поим на владеење на правото.

2. Формалниот или потесниот поим на правна држава ги нагласува формалните белези на уставност и законитост, а не целите на државата и содржината на законите и другите прописи и општи акти. Во таков контекст, правната држава се проценува од гледиште на начинот на остварување на уставност и законитоста како формални категории, а не од гледиште на нивната материјална содржина *(Шкариќ С.1995, 85*). Правна држава во потесна смисла е држава на која сите активности и се подведени во границите на законот, тоа е држава во која постои ,,незаинтересираност" за потеклото и целите на правниот поредок и политичката структура во државата. Поради ваквата ,,незаинтересираност" овој концепт е погоден како параван зад кој без некоја поголема пречка може да егзистира дури и авторитарна држава (кога законите се донесуваат од тело или орган кој е недемократски избран) како и тоталитарна држава (кога законите го контролираат секој сегмент на општествениот и приватниот живот на граѓаните).

3. Социјалниот поим на правната држава инсистира на неколку функции на правната држава:

- Стимулирање на меѓусебното помагање на луѓето во заштита на личноста и на материјалните добра;
- Правна сигурност на луѓето во остварување на своите потреби и интереси;
- Обезбедување на повисок степен на хомогеност во управување со општеството и создавање на еднакви шанси за социјална промоција на сите граѓани *(Шкариќ С.1995, 86)*.

Всушност на овој начин правната држава се поистоветува со социјалната држава во чиј фокус е социјалната правда и благосостојба на граѓаните,

но тоа е и држава што има капацитет да овозможи реализација на економско-социјалните права на граѓаните *(Ванковска Б. 2007, 209)* .

Во последно време, во практиката, концептот на правна држава доживува одредена модификација со тоа што повеќе се развива како формално-правен, а помалку како материјален поим. Во таков контекст државата се повеќе се дефинира како држава на правото, односно како држава која своите функции ги остварува на правен начин, а не како држава која има за цел со помош на правото да ја прошири и заштити слободата на човекот во општеството.

1.2 Карактеристики на концептот владеење на правото

Современиот концепт на владеење на правото (Rule of Law) прв пат правно е дефиниран во делата на англискиот теоретичар Албert вон Дајси. За англосаксонската правна традиција овој концепт има исклучително значење, бидејќи тој е израз и резултат на успешната борба за ограничување на кралските овластувања и дискреционата власт на администрацијата. Во основата на овој концепт се наоѓа старата англосаксонска идеја за човековите права кои се предегзистентни во однос на политичката власт, поради што принципот на владеењето на правото претставува суштинската граница на ширењето и самоволието на носителите на власта *(Климовски С.1998, 689)*.

Како современ поим, владеење на правото се заснова врз слободата на човекот и неговото право самостојно да ги развива сопствените способности со помош на правото и правниот поредок. Владеењето на правото е тесно поврзано со слободата на човекот и неговото живеење во организирано општество како слободно општество. Оттука правото во најширока смисла претставува вештина на слободата, односно способност на човекот на цивилизиран начин да се користи со сопствената слобода во организираното општество (Шкарић С. 1995, 80).

Владеењето на правото во современо значење се заснова врз следниве постулати:

1. Примарно значење на човековите слободи и права, безусловното почитување на основните човекови слободи и права и признавање на нивниот предегзистентен и неприкосновен карактер во однос на државната власт претставува сржта на секое демократско општество

2. Постоење на ограничена државна власт, значи власт во границите на правото и власт која се наоѓа под постојана судска контрола.

3. Поделбата на власт на законодавна, извршна и судска од една и нивна меѓусебна контрола и рамнотежа (chech and balance) од друга страна, значи воведување на таков облик на владеење кој ја оневозможува концентрацијата на власта само во еден државен орган. Со тоа се спречува правно ограничената власт да биде монополска и тиранска власт, бидејќи еден орган ги донесува законите, друг ги извршува, а трет ги решава споровите во врска со нивното остварување во практика.

4. Независното и непристрасното судство како трета власт има посебна улога во афирмацијата на владеењето на правото од проста причина што судиите најдобро го познаваат правото и што тие како искусни професионалци го применуваат правото во секојдневната практика. Независното судство значи независност на судската власт во однос на другите гранки на власта како и постојаност и неподвижност на судиите. Клучна улога за постоење на непристрасно судство има моралниот интегритет и професионалноста на судиите, но и квалитетните закони, развиената правна свест на граѓаните и поволните материјални услови за работа на судиите.

5. Правната сигурност значи постоење на правни гаранции и развиени правни лекови за заштита на правото во случај на негова повреда. Се смета дека за владеење на правото побитни се правните постапки и правните лекови од самото постоење на правните правила. Според Алберт Дајси правото постои само таму каде што постојат правните лекови (уби јус иби ремедиум). Како општ принцип правната сигурност постои само таму каде што граѓаните од една страна знаат до кој степен и на кој начин може државата да им ги узурпира основните човекови слободи и права, а од друга страна си ги знаат своите права, обврски и забрани.

Освен наведените постулати за да можеме да зборуваме за постоење на владеење на правото потребно е правните акти да ги имаат следните квалитети:

- **Општост,** значи обврска правните акти да содржат апстрактни правила за однесување на сите луѓе без исклучок.
- **Одреденост** значи познавање на правните акти пред нивно стапување во сила.
- **Праведност** значи водење на сметка за содржината на правните акти да биде прифатлива за мнозинството.
- **Постојаност** значи временски неопределено важење на правните акти.
- **Прецизност и јасност**, нејасните закони со еластични одредби се најголема закана за правната сигурност *(Шкариќ С. 1995, 84)*.

2. ОБИД ЗА ПОИМНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕМОКРАТИЈАТА

Терминот демократија претставува еден од најупотребуваните термини во политичката наука и во секојдневниот живот и еден од оние поими чија употреба доведува до бројни конфузии, бидејќи се истргнува при обидот за негово дефинирање. Поради тоа Елиот ќе напише: „Кога еден термин станува толку универзално свет, како што е сега зборот демократија се прашувам дали тој значи нешто, значејќи толку многу нешта" *(Климовски С. 1998 , 587)*.

Комплексноста на поимното определување на демократијата произлегува од фактот што постојат повеќе теории за демократија и што демократијата се сфаќа различно во нејзиниот историски развој заради променетите околности во кои се развивала како идеја и во кои што се остварува како систем на владеење.

Во најширока смисла поимот демократија може да се сведе на следнава дефиниција: Демократијата е власт на народот која што се извршува непосредно или преку неговите избрани претставници во услови на слободни и чесни избори, развиени правни процедури на одлучување, владеење на мнозинството и заштита на малцинството, гарантирани индивидуални права, уставно ограничена државна власт и развиено јавно мислење како движечки фактор на демократскиот живот и најефикасен облик на контрола на работата на јавните функционери и другите носители на јавната власт. Додека во потесна смисла, поимот на демократијата може да се сведе на следново: Демократијата е власт на мнозинството заедно со индивидуалните и малцински права и власт на законот заедно со постоењето на развиени процедури на одлучување и уставно ограничена државна власт *(Шкариќ С.1995, 246)*.

Демократијата се дефинира и како политички концепт кој се однесува на уредувањето на општествената заедница преку партиципација и донесување одлуки по пат на претходно утврдени процедури. Како битна карактеристика на демократското општество се наведува неговата способност да создаде услови за мирно манифестирање и разрешување на спротивставените интереси на членовите на заедницата.

Имено, демократијата воопшто не го елиминира егзистирањето на продуктивниот конфликт во општеството, на конфликтот кој продуцира движење и промена, таа само го потиснува отвореното насилство.

Во литературата се смета дека демократијата како идеал никогаш и никаде не била остварена во практиката. Постојат само степени во остварувањето на демократијата, различни од една до друга земја и од едно до друго време. Меѓутоа, демократијата во одредена држава нема само нагорна линија

во развојот. Напротив, нејзиниот развој се карактеризира и со падови и стагнации. Демократијата посебно назадува во оние средини во кои владее етничкиот национализам и примитивниот капитализам *(Шкарић С.1995, 248)* .

Денес, еден од најсериозните проблеми на политичката наука е разликувањето на демократските од недемократски режими. Невозможно е утврдување на точно определени критериуми според кои со сигурност би можело да се утврди дали една држава е демократска или недемократска.

Во оваа „ера на демократија" во која најголем број држави се декларираат како демократски, демократијата е очигледно најпосакуваниот облик на политичко уредување. Уште во средината на 20 век Џорџ Орвел укажал дека поборниците на секој вид режим тврдат за него дека е демократски *(Ванковска Б. 2007, 109)* .

Во овој контекст оправдано е прашањето за универзалноста на либералната демократија, односно дали е целисходно инсталирање на демократски институции од „западен вид" во општествата со „поинакви" историски, политички и културни традиции? Од друга страна пак се наметнува дилемата дали воопшто е можна демократија таму каде што не се воспоставени демократски институции? Како одговор на овие дилеми се среќаваат две спротивставени сфаќања:

- Според едното, демократијата е универзална не само како вредност туку и како збир на институции. Нема демократија без избори, повеќепартиски систем, индивидуализам, владеење на правото, поделба на власт итн.
- Според другото сфаќање, секое општество има своја историја, национален амбиент, традиции за решавање на општествените конфликти и за алокација на вредностите и ресурсите. Според ова сфаќање институциите колку што можат да ја потикнуваат толку можат и да ја гушат демократијата *(Ванковска Б. 2007, 109)* .

Иако Махатма Ганди пред повеќе од педесет години укажувал дека „Духот на демократијата неможе да се наметне однадвор, мора да дојде одвнатре", денес повеќе од кога и да е доминира еден вид на прескриптивна демократија (т.е демократија која се нуди како рецепт) и која се сведува на воведување на демократски институции, без да се води сметка за тоа дали политиката што тие ја промовираат навистина се грижи за интересите на сите граѓани *(Ванковска Б. 2007, 103)* .

Оттука и да ја прифатиме универзалноста на демократијата како вредност, сепак треба да се настојува институциите кои ќе ја создаваат демократијата да бида прилагодени на потребите на сите членови на

конкретното општество и да бидат во согласност со историската, политичка и културна традиција во средината.

Земјите што во деведесетите години од 20 век го започнаа процесот на демократизација, немајќи доволно време за обликување на автентични демократски институции, а брзајќи да влезат во друштво на „демократиите“ за жал вршат уставни промени, промени на политичкиот систем и ги акцептираа демократските институции од „западен вид” по автоматизам, без истите да ги адаптираат кон сопствените општествени потреби.

Во еуфоријата да се квалификуваат што е можно за пократко време како демократски, „младите демократии” западнаа во разбирлива замка: демократските институции што ги инсталираа немаат капацитет за продукција на демократска политика, оттука формата остана без содржина, односно институциите, процедурите и правилата неможат да обезбедат ефикасна алокација на општествените ресурси.

3. ВЛИЈАНИЕ НА ПРИНЦИПИТЕ НА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО ВРЗ ИЗГРАДБА НА ДЕМОКРАТСКО ОПШТЕСТВО

Владеење на правото како нужен постулат на секоја демократија, подразбира ограничување на политиката според однапред утврдени правила во правни прописи. Владеењето на правото го деперсонализира политичкиот процес и дава одговор на дилемата од античката филозофија, дали за политичкиот систем е покорисно владеењето на законот или владеењето на човекот.

Формулата „политика во границите на правото”, укажува на взаемното влијание помеѓу политиката и правото, односно на фактот дека во демократијата правото е најефикасно средство за реализирање на одредена политика, но и најефикасно средство за нејзино ограничување.

Најопшто, владеење на правото подразбира состојба во која секој субјект е должен да ги почитува воспоставените „правила на игра” во општеството, дури и оној што ги донел тие правила, малцинството има загарантирани слободи и права, самите правила се донесуваат во согласност со претходно утврдени процедури во рамките на институциите.

Почитувањето на човековите права и создавањето на услови за развој на индивидуалноста се основниот постулат на концептот на владеење на правото, од друга страна пак постои природно и нераскинливо единство помеѓу човековите права и демократијата.

Имено, евидентното почитување на правилата на игра и особено респектот на човековите права се гаранција за легитимитетот на власта *(Ванковска Б. 2006, 9)*. Тоа всушност е показател дека во демократското општество се почитуваат принципите на владеење на правото, затоа што демократија без владеење на правото е ништо повеќе од анархија.

Со премин кон демократија се очекуваше дека во Република Македонија ќе се создаде ситуација во која секој ќе може да го спроведе своето право, па дури и против политичките моќници, дури и кога политичките инстанци сакаат да го оневозможат спроведувањето на тоа право. Ова особено се однесува за правото на слободен развој на сопствената личност. Некои автори сметаат дека примарната смисла на постоењето на владеењето на правото е зачувување и обезбедување токму на тоа право (*Иванов Ѓ. ,2006, 4)* .

Оттука само општеството што има капацитет да овозможи слободен развој на секој негов член и само општеството во кое вакумот помеѓу активноста на неговите членови и нивниот потенцијал го нема или е минимален е вистинско демократско општество .

Заклучок

За формалниот поим на правна држава (оној што најчесто денес се употребува) воопшто не е битна суштината на правниот поредок, не е битно дали регулацијата на конкретните општествени односи е во согласност со реалните потреби во општеството, битно е само да се почитува законската форма во која се преземаат општествените активности .

Од друга страна, концептот на владеење на правото значи многу повеќе од само доследна примена на законските прописи, тој претставува суштинска граница до каде може да оди самоволието на носителите на државната власт. За овој концепт битна е содржината, целта и суштината на правниот поредок. Во услови кога во општеството се почитуваат принципите на владеење на правото, во процесот на донесување и имплементација на правните акти се води сметка дали конкретните општествени односи има потреба да бидат регулирани и дали регулацијата на тој начин е во согласност со моралните, историски и културни односи во општеството.

Од гледна точка на либералната демократија и човековите слободи и права, поприфатлив е поимот владеење на правото, бидејќи посилно ја нагласува примарната улога на граѓанинот во однос на државната власт и континуирано води сметка за потребите на индивидуите во општеството.

Треба да се има предвид дека демократијата е систем на отвореност кон сите мислења и потреби и е спремна да ја прифати секоја новина што нуди еволуција на општеството. Всушност предностите на демократијата се истовремено и нејзините најчувствителни места. Демократијата е помалку од секој друг поредок „систем на сигурност", таа е систем на отвореност и трајна изложеност на опасности *(Климовски С. 1998, 591).*

Summary

For the formal concept of the legal state (the one that is most frequently used nowadays) The essence of the legal system is not important for the formal concept of the legal state, it is not important whether the regulation of the concrete social relations is in an agreement with the real needs of the society, it is necessary to respect the legal form in which the social activities are undertaken.

However, the concept of ruling the law means a lot more than application of the legal regulations, it is an essential limit to what can become a self will of the legal system. The contents, the purpose and the essence of the legal system is essential for this concept. In terms when in the society the principles of ruling the law are respected, in the process of implementing the legal acts an account is taken into consideration whether the concrete social relations need to be regulated and whether the regulation in this way is in an agreement with the moral, historical and cultural relations in the society.

From the pint of view of the liberal democracy and the human freedoms and rights, the term ruling of the law is more acceptable, because it emphasizes the basic role of the citizens in terms of state authority and continuously cares about the needs of the individuals in the society.

It should be taken into consideration that the democracy is a system of openness towards all opinions and needs and it is ready to accept every news that leads to evolution of the society. Actually the advantages of the democracy are the most sensitive parts of it, as well. The democracy is less than every regime "system of security", and that is a system of openness and permanent exposure to dangers" (Klimovski, S. 1998,591).

Литература

1. Бајалциев Д: Вовед во правото, држава. Кочани: Европа92. 1999.
2. Ванковска Б: Политички систем. Скопје: Бомат Графикс. 2007.
3. Ванковска Б: Демократијата и мирот како оспорени концепти (авторски текст). 2006

4. Ванковска Б: Теоријата на демократски мир : надворешно-политичка димензија (авторски текст). 2006.

5. Иванов Ѓ: Вовед. Скопје: Политичка мисла,бр.1.Март 2006.

6. Климовски С: Уставен и политички систем. Скопје: Просветно дело. 1998.

7. Тренеска-Дескоска Р: Владеење на правото или владеење на човекот?!".Скопје: Политичка мисла,бр.1. Март 2006.

8. Шкариќ С: *Уставно право, втора книга*. Скопје: Унион трејд. 1995.

9. Шкариќ С: *Македонија на сите континенти.* Скопје: Унион трејд. 2000.

658.224.3.016.7(73)

Асс. м-р **Сања ПАНДЕСКА**

ПРЕЗЕМАЊЕ НА АКЦИОНЕРСКИТЕ ДРУШТВА ВО АНГЛОСАКСОНСКИТЕ ПРАВНИ СИСТЕМИ

Апстракт

Преземањето на друштвата преку јавни понуди доживува вистински подем во текот на 70-те и 80-те години на 20 век во САД. Тоа се случува во услови на развиен пазар на капитал, кој го поттикнува прибирањето на свеж капитал со јавен повик, а корпорациите имаат голем број членови и дисперзирани сопственички интереси. Сето ова ја отежнува непосредната контрола на акционерите врз управата на друштвото, па таквата контрола се остварува преку пазарот на капитал.

Дисперзијата на сопственоста на голем број вложувачи на капитал е причина поради која дојде до осамостојување на управата на друштвото во однос на акционерите, а со тоа и до нејзината важна улога при преземањето на друштвата. Ваквата улога на управата во праксата често било поврзано со доста проблеми и значителни трошоци. Поради тоа, заинтересираните купувачи, во текот на 60-те години, одбегнуваат да се ослонат на управата на друштвото што е цел на преземање. Наместо тоа, купувачите даваат јавна понуда на акционерите на посакуваното друштво, нудејќи им посебни погодности и добивки, за да на тој начин ја стекнат контролата врз тоа друштво.

Клучни зборови: *преземање на акционерски друштва, јавна понуда, пазар на капитал, акционерски друштва, конгломерати*

Вовед

Преземањето на акционерските друштва е значаен сегмент на економската структура на сите развиени земји, земјите со отворено пазарно стопанство. Заради многубројните економско-правни карактеристики и импликации врз целокупниот систем, соодветно и адекватно регулирање на преземањето на акционерските друштва стана една од приоритетните цели на националната политика.

Од тој аспект, значењето на преземањето на друштвата, во услови на развиен пазар на капитал, кој традиционално го поттикнува прибирањето на свеж капитал со јавен повик и каде корпорациите имаат голем број членови, акционери и дисперзирани сопственички интереси, особено е големо и претставува предизвик за истражување, опсервации и елаборирање.

Предмет на истражување на овој труд претставува презентирање и утврдување на основните карактеристики на преземањето на акционерските друштва во англосаксонските системи, начинот на регулирање на преземањето во нивното законодавство и резултатите кои се добиваат како резултат на таквата регулатива. Зошто е потребно да се посвети посебно внимание при регулирање на оваа област, односно да се даде посебно место во законската регулатива.

1. Преземањето на акционерските друштва во САД

САД има долга и бурна историја на издавање и на тргување со хартиите од вредност, а специфика на оваа земја се бројните и прилично обилно документираните студии посветени на различните аспекти на тој историски развој, тесно поврзан со развојот на правото за компаниите.

Желбата да се стекне правна контрола врз друштвото настанува заради постоечкиот диспаритет помеѓу реалната вредност на акциите и преовладувачката тековна проценка на нивната вредност под сегашната управа на друштвото која не ги искористува расположливите деловни можност. На пазарот за контрола врз друштвата се врши еден вид принуда на друштвото да ги оптимира своите ресурси во интерес на вкупната економија. Оваа функција може да се врши само ако се плати соодветна цена за контролната вредност на акциите на друштвото. Затоа, со право преземањата може да се препишат на функционалните пазарни услови. Според Федералната комисија за трговија на САД, големото мноштво на стекнати фирми се профитабилни и функционални друштва (going concern).[1]

Така, зависно од околностите, условите и приликите кои постојат, како и од системот на вредности кој даденият поредок го дефинира и штити, понудите за преземање ќе се разликуваат од земја до земја. Функционалните пазарни услови се тие кои ги дефинираат преземањата. И не само тоа, ами нивното влијание оди до таму што преземањата им се препишуваат ним.

Главниот поттик за конгломерантниот бран во 60-тите се состоеше во тоа што самиот процес на преземањето можеше да се постави така што ќе произведува раст по акција. Менаџерите на конгломератите беа повеќе настроени кон поседување на финансиска експертиза, отколку кон оперативни

[1] *United States Federal Trade Commission*, Economic Report on Mergers (Washington, D.C. 1969).

вештини потребни за подобрување на профитабилноста на преземената компанија. Тие, многу лесно, без никаков основен потенцијал, можеа да состават група од компании и да произведат стабилна растечка добивка по акција.[2]

Automatic Sprinkler Corporaton (подоцна наречена Figgie International, како резултат на залагањата на нејзиниот скромен генерален менаџер, господинот Figgie) е добар пример за илустрација на играта на раст на производството, а со тоа и цената на акциите во текот на 60-тите години.[3] Оваа компанија во периодот од 1963 до 1968 година, успеа да го зголеми обемот на продажба за повеќе од 1.400%. Ваквиот феноменален резултат беше резултат на преземањата кои ги изврши. За период од дваесет и пет дена, во средината на 1967 година, беа извршени четири преземања. Овие новопреземени компании продаваа за релативно ниски цени мултипликатори, со што успеа да се постигне брз раст на добивка по акција. Со тоа автоматски се зголеми цената на понудениот мултипликатор за повеќе од 50 пати. И веќе во 1967 година, цената на акциите од околу 8 американски долари во 1963 се покачи на 73,625.

Менаџерите на другите конгломерати за да ги заслепат инвеститорите мораа да измислат нов јазик, со кој ја замаглија стварноста пред очите на инвеститорите и создадоа претстава дека се наоѓаат во технолошки погоден и стабилен амбиент. За да се направат уште попривлечни, мораа на нов начин да го опишуваат бизнисот што го купиле. Така фабриките за преработка на челик станаа "сектор за технолошки материјали", а компанијата за светлосни уреди стана дел од "секторот за светлосни уреди". Работите функционираа така да имиџот на активна и конкурентна атмосфера беше неспорен и очигледен.

И наместо да се намалува процесот на интеграции, цените на акциите на конгломератите одеа се нагоре.

Но веќе на почетокот на 1968 година растот на конгломератите почна да опаѓа. Поништата добивка и изедначените мултипликатори цена водеа кон опаѓање на цените на конгломератите. Така, во текот на 80-тите и 90-тите години на сцената настапи деконгломерацијата. Многу од старите конгломерати почнаа да се ослободуваат од преземените компании со слаб приход, со цел да ја зголемат својата добивка.

Овие продажби најчесто беа финансирани преку една популарна иновација од 80-тите, наречена откуп со задолжување (Laveriged by out – LBO). На тој начин, купувачот помогнат од професионални склучувачи на зделки, вложуваше многу мал износ на капитал, позајмувајќи и над 90% од

[2] Види кај: Burton G. Malkiel, Случаен од Wall Street, W.W.Norton & Company, New York. London, 1999
[3] ibid

средствата потребни да се изврши трансакцијата. А плаќањето високи камати и големите трошоци за амортизација беа гаранција за тоа дека даноците за новиот ентитет ќе останат ниски.

Првите LBO се покажаа како доста успешни, но подоцна со зголемување на цените што се плаќаа за компаниите, а со нив и долговите, се помал број од реализираните трансакции ги исполнуваа очекувањата. Овој финансиски пад оштети многу индивидуални инвеститори, банки и компании за животно осигурување.

Регулативната рамка на Соединетите американски држави во врска со емисијата и тргувањето со хартиите од вредност е прилично комплицирана, детална и обемна. Секоја федерална држава, членка на САД има свои сопствени закони што ја регулираат оваа материја, а и покрај се поголемиот степен на нивна меѓусебна усогласеност, законодавствата на одделните федерални држави не мора секогаш да бидат меѓусебно слични. Токму затоа, се што е наведено во овој преглед не претставува дури ни сумарен опис на американската реалност. Овде накратко ќе ја разгледаме само федералната регулативна рамка утврдена со поголем број закони и подзаконски акти, меѓу кои како најбитни се издвојуваат: "Законот за хартии од вредност" од 1933 година (Securities Act of 1933/ 15 U.S.C. §77a et seq.), "Законот за берзите на хартии од вредност" од 1934 година (Securities Exchange Act of 1934 / 15 U.S.C. §78a et seqет seq.), "Законот за инвестиционите компании" (Investment Company Act, 15 U.S.C. 80a-1 et.seq) и "Законот за инвестиционите советници" (Investment Company Advisers 15. U.S.C. 80б-1 et.seq.) од 1940 година, "Законот за заштита на инвеститорите" (Securities Investors Protection Act) од 1970 година и тнр. Maloney Act од 1938 година (наречен по неговиот спонзор, сенаторот Francic T. Maloney, претставник на Демократската партија од Конектикат) со кој се извршини измени во Законот за берзите од 1934 година.

Иако во САД постои екстензивна судска пракса, таа сеуште нема конечни одговори. Централното прашање е фидуцијарната должност на мнозинските акционери на друштвото и кон малцинските акционери.[4] Продавачот кој ја пренесува контролата врз купувачот на неодговорен начин чие штетно влијание врз друштвото може да се предвиди одговара за штетите, како и за контролната премија добиена за своите акции.[5] Побарувањата на акционерите исто така можат да настанат и кога контролата се пренесува во отсуство на околностите што се опишани погоре. Највисоката точка во судскиот развој во врска со овој предмет е постигната во случајот *Perlman v. Feldmann*[6] во кој судот побарал од мнозинскиот акционер продавач да ја дистрибуира контролната премија меѓу акционерите тужители. Во

овој случај, контролата врз железарата била пренесена врз крајниот корисник на железото во период на интензивен недостаток на железо предизвикан од корејската криза. Друштвото стекнувач го откупило целото производство на стекнатото друштво со што му ја одземало можноста да бара поповолни пазарни можности.

Правниот лек на распределба на контролната премија помеѓу акционерите како последица на повредата на фидуцијарната должност стекнала само делумно прифаќање. Своевремено, било предложено дека контролата е нешто што го вршат фидуцијарите во полза на сите акционери на друштвото. Затоа, контролната премија се смета за имот на друштвото што му припаѓа на друштвото како право.[7] Меѓутоа ваквото сфаќање не преовладало. Прво, не било можно контролата да се третира како компонента на имотот на друштвото; второ, контролата не можела да биде нешто што се продава независно од самите акции. Спротивно на овој став се појавила и трета можност што била сметана за посоодветна: Купувачот на контролниот блок акции има обврска сите акционери да ги третира подеднакво. Тоа значи дека понудата мора да се даде, дури и на малцинството во друштвото за да се откупат нивните акции по цената платена за блокот.[8] Судовите на Калифорнија до извесна мерка го следеле овој став[9] и го спроведувале правилото за еднаквите можности.

"Законот за хартиите од вредност" од 1933 година и "Законот за берзите на хартии од вредност" наредната година, го претставуваат "тврдото јадро" на федералната регулатива во оваа област. Тогаш за прв пат е основана државната агенција надлежна за спроведувањето на овие два закона, тнр. "Комисија за хартии од вредност и берзи" (SEC). Овие два закона, што всушност се менувани и дополнувани во поголем број наврати, а една од побитните измени што ќе ја разгледуваме покасно е воведена со тнр. Maloney Act, со кој надлежностите на Комисијата се проширени и врз американскиот Over the counter пазар. Конечно, со Законот за инвестиционите компании и Законот за инвестиционите советници, овластувањата на Комисијата за хартии од вредност се проширени и на вредносните хартии издадени од страна на лицата што се занимаваат со "инвестиционо банкарство", како и врз сите придружни операции (запишување на акциите од страна на институционалните инвеститори, нивната примарна дистрибуција на пазарот, инвестиционият консалтинг итн.).[10]

Во американскиот Закон за хартиите од вредност е утврдена и категоријата "изземени хартии од вредност" (exempted securities)[11], под што

[7] *Берле*, Control in Corporate Law: 58 Colum. L. Rev. 1212-1225 (1958).
[8] Jennings, Trading in Corporte Control: 44 Cal.L.Rev. 1-39 (1956)
[9] *Brown v. Halbert*, 271 Cal.App 2d 307 (1969)
[10] Види кај: Anne M. Khademian - The SEC and Capital Market Regulation, 1994 и Spicer and Oppenheim - Guide to Stock Markets Accross the World, Spicer & Oppenheim, London, 1987.
[11] Securities Act 1933, Sec. 3.

се подразбираат оние вредносни хартии што иако можат да бидат предмет на "меѓудржавното тргување", не мора да бидат регистрирани кај Комисијата. Во оваа категорија хартии од вредност, што не е во надлежност на Комисијата, спаѓат поголем број прецизно енумерирани вредносни хартии меѓу кои и владините обврзници, сите други хартии од вредност издадени од страна на државата или нејзините агенции, хартиите од вредност издадени од страна на федералните држави и другите општински власти, хартиите издадени од страна на банките и осигурителните компании, сите вредносни хартии чиј рок на достасаност не надминува девет месеци, хартиите од вредност издадени од страна религиозни, образовни, хуманитарни и слични организации итн.

За Америка е карактеристично тоа што извршувањето на склучените берзански трансакции се изведува преку "регистрираните клириншки агенции" (registered cleaping agencs). Под "клириншка агенција" се подразбираат сите физички или правни лица што дејствуваат како посредници во "плаќањето на цената" или "испорачувањето на хартиите од вредност" во врска со трансакциите со вредносните хартии. За вршење на дејноста на "национално" ниво овие агенции мораат да се регистрираат кај Комисијата за хартии од вредност, а доколку агенцијата претставува организација на поголем број субјекти таа може за себе да го побара и статусот на "саморегулаторна организација". Условите за "регистрирање" кај Комисијата се сосема исти со условите пропишани за регистрирање во својство на "национална берза".[12]

Во САД постои тнр. "rolling settlement sistem", што значи дека сите трансакции што не содржат некои посебни услови за извршувањето (то ест сите "regular way" трансакции) автоматски се извршуваат пет работни дена по денот на нивното склучување (T+5). Податоците за склучените трансакции во електронската книга на налозите ги внесува специјалистот, а обврска на продавачот е да ја извести клириншката фирма за сите натамошни детали на трансакцијата. Хартиите од вредност се депонирани во една посебна компанија (Depositors Trust Company) и извршувањето на трансакцијата вообичаено не значи и реален трансфер на хартијата од вредност од "продавачот" на "купувачот", туку претпоставува само обично "книжење", односно заведување на новиот сопственик на хартијата од вредност. Од друга страна, наплатата на цената се врши преку брокерските сметки кај клириншката агенција. По добивањето на податоците за склучената трансакција, клириншката агенција ја изведува целата операција на извршување, а берзанските членови добиваат дневни извештаи за своите сметки во агенцијата.

На 11 јуни 1987 година, Комисијата за хартии од вредност ги одобрила посебните правила за регулација на однесувањето на компаниите чии вредносни хартии се примени на овој "Национален пазарен систем" (тнр.

[12] Securities Exchange Act 1934, Sec. 17A.

NASADQ), предложени од страна на Одборот на гувернерите на NASD. Овие правила се насочени кон заштита на позицијата на постојните акционери во овие компании, за подигање на "рејтингот" на овој пазар, а посебно кон провоцирање расправа со одредени федерални држави кои остро се спротиставувале на воведувањето на NASDAQ-овите "blue sky" правила.[13] Во основа се работи за поголем број ненумерички изразени стандарди и критериуми што мора да ги исполнува секоја компанија чии хартии од вредност котираат на NASDAQ/NMS, а се однесуваат на независноста на компаниските директори, собранијата на акционерите, потребниот кворум, судирот на интересите во компанијата, условување одредени базични одлуки да бидат донесени од страна на сите постојни акционери на компанијата и сл. [14]

Сите хартии од вредност, регистрирани согласно Законот за берзите од 1934 година, што исполнуваат одреден број "финансиски тестови" можат да ја стекнат привилегијата да бидат тнр. "овластени NASDAQ -ови хартии од вредност", односно да го стекнат правото со нив да се тргува на организираниот over the counter на целата територија на САД[15]. Бидејќи на NASDAQ се примаат само компаниските хартии од вредност, чистите или неконвертибилните должнички вредносни хартии не можат да стекнат својство на "овластени NASDAQ-ови хартии од вредност". Хартиите што котираат на постојните регистрирани берзи исто така можат да котираат на NASDAQ, но на NASDAQ-овиот "национален пазар" (NMS) можат да котираат само хартиите од вредност примени на тнр. "регионални берзи" (Бостон, Синсинати, Мидвест, Пацифик и Филаделфија), а не и хартиите од вредност примени на американските "национални берзи" (Њујоршка и AMEX).

Основните услови за иницијално котирање на хартијата од вредност на NASDAQ-овиот систем се претходна регистрација кај Комисијата за хартии од вредност, најмалку два регистрирани маркет мејкера за релевантната хартија, издавач со најмалку 300 акционери, вкупен имот на издавачот од минимум два милиони долари, капитал и вишоци од еден милион долари и најмалку сто илјади акции во рацете на "јавноста".[16]

NASDAQ претставува современ over the counter пазар што го креираат голем број маркет мејкери што меѓусебно си конкурираат. За разлика од традиционалните американски берзи кај кои постои еден единствениот специјалист кој ги составува пристигнатите куповни и продажни налози, NASDAQ претставува географски сосема дисперзиран пазар на голем број маркет мејкери, меѓусебно поврзани во компјутерска и телефонска мрежа.[17]

[13]Reference Guide for NASDAQ Companies, NASDAQ Company Servise, 1998
[14] Quality of Markets, Report of the Special Committee of the Regulatory Review Task Force, NASD, 1988
[15] How to Become A Member of the NASDAQ, NASD, 1991
[16] SEC, Capital Market Working Paper, 1-12
[17] Final Report Of The Special Committee On NASD Strukture & Governance, NASD, 1990

Карактеристично за овој систем е тоа што тој не го ограничува ниту пак избира членството. Основната функција на системот NASDAQ е собирање, валидирање и дистрибуција на пазарните информации до сите лица (брокери и дилери) приклучени во системот.

NASDAQ има три различни нивоа на информациони услуги и секое лице што сака да користи некое од трите нивоа мора да плати соодветна такса и да се вклучи во системот како "корисник на услугата".[18]

Хартиите од вредност примени на NASDAQ не го исцрпуваат тргувањето на over the counter пазарот во САД, на национално ниво. Со сите останати вредносни хартии што не се примени на NASDAQ се тргува на традиционалниот начин, по телефон.

Во вакви услови, а со цел да се заштитат интересите на учесниците на пазарот на капитал, неопходно било да се донесат одредени правила кои ќе ја дополнат регулативната рамка во оваа област. Така, во 1967 година Конгресот на САД усвојува Закон познат под името **Вилијамсов акт (Williams Act)**, кој е дополнување на Законот за тргување со хартии од вредност (Securities Securities Exchange Act) од 1934 година. Со овој закон се сака да се обезбеди целосно и навремено информирање на акционерите, во случај на понуда за преземање. Акционерите мора да имаат доволно време да ја разгледаат понудата, за да одлуката која ќе ја донесат во однос на понудата за преземање биде правилна и базирана на веродостојни информации. Истовремено, Законов им овозможува и на понудувачот и на управата на друштвото да ги презентираат своите ставови, давајќи им еднакви услови и можности. Со тоа, интресите на сите учесници во постапката за преземање се земени предвид и поставени на иста основа, без да имаме дискриминирачки односи и привилегирани субјекти.

За време на 70-тите и почетокот на 80-тите години преземачите имаа три чекори на стратегијата за преземање[19]:

(1) тивко купување на 5% од акциите на компанијата, согласно правилата содржани во Вилијамсов акт, и објавувањето на истото после 10 дена од извршеното купување,

(2) агресивна и донекаде непријателска понуда за преземање на контролата и

(3) давање понуда за преземање на малцинскиот пакет, кои во претходните два чекори не ја прифатиле понудата за преземање.

Преземачите слободно може да ја дефинираат нивната понуда како "понуда во два чекори" или на две нивоа и тоа, давање понуда за преземање

[18] Reference Guide for NASDAQ Companies, 1988, стр. 18 - 22.
[19] Jennings W. Richard, Securities Regulation, eighth edition, New York, Foundation Press, 1998

на 50% од капиталот на друштвото над пазарната цена и објавување план за преземање на малцинскиот пакет што ќе остане по пониска цена, откако ќе ја преземат контролата.[20]

Оправданоста и заштитната улога на Williams Act се состои во одржувањето на баланс на страните или фер игра за време на спроведување на преземањето, при што менаџерските одбрамбени тактики би можеле да се користат само доколку имаат намера да ја зголемат вредноста на целната компанија. И создавачот на Williams Act потенцирал дека посебна грижа при создавањето на овој закон е ставена во воведување на баланс и рамноправност како на страната на менаџментот, така и на страната на преземачот. Но, секоја идеја за поставување и користење на одбрамбените тактики од страна на менаџментот при преземањето беше строго отфрлена од страна на Судот во Сцхреибер. Како резултат на ова, со овој акт многу повеќе се штитат правата на преземачите. Но, што се однесува до објавата фокусирана на новите сопственици, преземањето на контролата не може да се направи преку ноќ, потребно е да имаме објава за намерата и одреден период за запознавање со понудата. Ова пак од друга страна, остава простор за менаџментот на целната компанија да се обезбеди со моќно оружје, запознавајќи се со намерите, можностите, а истовремено и со слабостите на акционерите. На овој начин, има мислења дека менаџментот би требало да се залага за засилување на примената на овој акт. Со примената на јавната понуда, секогаш кога се сака да се пристапи кон преземање, се зголемува богатството на акционерите, бидејќи колку е поголема понудата толку е повисока цената, а приватни, тајни преземања не се дозволени. Ова пак, има и свој негативен ефект: доколку цената за преземање се зголеми до толку да потенцијалните преземачи исчезнат, тогаш ќе нема и преземање.

Williams Act е продукт на Конгресниот осет дека "нешто мора да се направи" во врска со корпоративното преземање и Конгресната неодлучност и нерешителност што точно треба да се направи. Всушност, вистинската сила која стои зад овој акт е желбата на таргетираниот менаџмент да се заштити од брзи, тајни преземања на млади, недоволно ажурирани компании, кои користејќи ги приликите на пазарот во 60-тите години се стекнаа со големи бенефиции. И покрај бројните академски критики дека строга законска регулатива ќе создаде невешт, неспособен менаџмент, сепак законодавната историја на Вилијамсовиот акт јасно ја покажува намерата и желбата да создаде баланс помеѓу менаџментот на компанијата која се презема и компанијата која презема, без да постојат поволности и привилегии, било на едната или другата страна.[21] Како резултат на

[20] Овие две наклонети аукции веруваат дека тие го доведуваат имотот на целната компанија до најповолниот и најефикасниот корисник. Види Gilson, Seeking Competitive Bids Versus Pure Passivity in Tender Offer Defense, 35 Stan.L.Rev. 51 1982

[21] За преглед на легислативната историја на Williams Act, види L. Loss & j. Seligman, 5 Securities Regulation (3 rd ed. 1990) at 2163-2168

горенаведеното може да се заклучи дека се работи за неутрален акт, но сакајќи да му помогне на акционерите при донесување на нивните одлуки преку откривање на провизиите, внесување на вистинити, фер правила, суштинската регулатива за преземањето не може да се замисли без јавна понуда, што пак на крајот е во прилог на акционерите, како крајни корисници.

2. Преземањето во Велика Британија

Што се однесува пак до преземањето на друштвата во Европа, тоа најчесто се поврзува со Велика Британија, каде за разлика од другите европски држави има најголем број друштва кои котираат на берзата каде се тргува со нивните акции.

Велика Британија има долга и бурна историја на издавање и на тргување со хартиите од вредност, а специфика на оваа земја се бројните и прилично обилно документираните студии посветени на различните аспекти на тој историски развој, тесно поврзан со развојот на правото за компаниите.[22]

Велика Британија има долга традиција на поставени правила кои дозволуваат широка палета на корпоративни реорганизации, кои традиционално се користат за реорганизација и поделби (spinoffs and split-offs).

Првиот прототип на "акционерско друштво" во Велика Британија, то ест првата joing stock company настанува во 1553 година во Лондон по иницијатива и наговор на тогаш познатиот истражувач Sebastian Cabot. Тогашните англиски трговци сакале да тргуваат со во тие времиња мистериозниот "Далечен Исток" (денешна Кина) и голем дел од нив бил поттикнат од сугестиите на Sebastion Cabot да се тргне во потрага по "Северо-Источниот пат".

Другите европски држави во овој поглед заостануваа. Така, структурата на сопственоста во тие друштва е дисперзирана, а акционерите не располагаат со некои големи пакети на акции, ниту со претприемачки амбиции. Во такви услови, заради заштита на пазарот на капитал потребно е да се обезбеди еднаков пристап и третман на сите учесници во постапката за преземање.

Обемот на тргувањето со хартиите од вредност постепено се повеќе се зголемувал и во 1697 година е донесен првиот закон што имал за цел "да го ограничи бројот на злоупотребите на брокерите и берзанските џобери". На тогаш воспоставената "Кралска берза" ("Royal Exchange") тргувањето со вредносните хартии го вршеле посебни лица назначени од страна на кралот.

Кон крајот на 1760 година, во кафеаната на семејството Jonathan ("Jonathan's coffee housec") сто и педесет лондонски брокери формирале "Клуб

[22] A History of the London Stock Exchange, London Stock Exchange, 1993.

за запишување на хартии од вредност" (Subcription club). Секое лице што сакало да купи хартија од вредност морало да дојде во кафеаната и "да се запише". Во 1773 година членовите на овој Клуб го промениле називот на своето здружение и се нарекле "Берза на хартии од вредност" (The Stock Ehchange).

Одредбите од Законот за компаниите од 1967 година со кои на компаниските директори им се забранува да тргуваат со опциите, претставуваат првите зачетоци на регулацијата на "внатрешното тргување" во Велика Британија. Тргувањето со правото на првенствено купување на новите емисии на компаниските акции се сметало за област во која директорите најмногу би можеле да ги злоупотребат стекнатите "внатрешни информации". Воведувањето на оваа забрана во британското законодавство предизвикала бурни реакции и отворено поставување на прашањето дали "внатрешната трговија" (insider trading) навистина може да се третира како нешто лошо. Но во јавноста преовладеале спротивните ставови: дека се работи за злоупотреба на во основа доверливи информации и дека директорите инволвирани во инсидер тординг вршат повреда на своите "фидуцијарни обврски" (fiduciars duties) кон компанијата, а сите лица што на пазарот користат "внатрешни информации" вршат повреда на основните принципи на пазарната еднаквост и ја рушат довербата на инвеститорите во финансиските институции. Ваквите ставови добиле своевидна поткрепа со големиот американски скандал поврзан со судењето на Иван Боески, кој врз основа на insider trading стекнал милиони долари, истовремено руинирајќи добар дел од американските финансиски институции.[23] Сето тоа водело кон една многу поопшта забрана на insider trading , внесена во вид на измени во Законот за компаниите во 1980, и целосна регулација на домашната трговија со "Законот за компаниските хартии од вредност (Insired Dealing)" од 1985 година.[24]

Директорите на компаниите чии хартии од вредност котираат на Лондонската берза, дополнително се обврзани со одредбите на берзанскиот "Модел Кодекс" (Model Code) содржан во рамките на одделот за "Трајните обврски" (Continuing Obliogations) на "Жолтата книга".[25] Модел Кодексот содржи седум генерални принципи и различни "модел-правила" што треба да претставуваат упатства за компаниите при составувањето на сопствените Кодекси. Овие правила се далеку построги од оние утврдени во наведениот Закон од 1985 година. Во ниту еден случај директорите не смеат да тргуваат со компаниските акции два месеци пред објавувањето на која било периодична или годишна сметка и извештај, итн.

Ситуациите на преземања (takeovers) и спојувања (mergers) на компаниите во Британија претставуваат "цела наука" што овде ни сумарно не би

[23] http://www.europa.eu.int
[24] Company Securities (Insider Dealing) Act 1985.
[25] Admission of Securities to Listing, Chapter 2, sec. 5.

можела да биде разгледана. Сепак, од посебно значење е постоењето на основниот акт за регулирање на преземањето, "Кодексот за преземањата и спојувањата на компаниите" (The Sity Code on Takeover and Mergers). Овој Кодекс е донесен од страна на едно посебно саморегулаторно тело наречено "Одбор за преземања" (Takeover Panel), составено од претставници на финансиските институции примарно ангажирани во различни случаи на такеовер и од претставници на поширокатa "инвестициона јавност". Седиштето на ова тело се наоѓа во Лондон, а основано е во 1968 година и е одговорен за применувањето на The City Code on Takeover and Margers. Негова улога е да обезбеди еднаков третман на сите акционери за време на реализирање на прземањето. Иако нема легално-правна моќ да ги реализира своите одлуки, сепак неговата улога во давање стручни совети и мислења при одвивање на преземањето е голема, а за ваквата негова моќ придонесува и поддршката на владата и финансиските организации.

Иако се работи за Кодекс кој нема сила на закон, Лондонската берза бара почитување на неговите правила со закана дека од берзанските листи ќе бидат отстранети хартиите од вредност на оние издавачи што не го почитувале Кодексот, а Одборот за хартии од вредност и инвестиции вообичаено го повлекува овластувањето на сите институии што не го почитуваат овој Кодекс.[26]

Кодексот содржи десет општи принципи и триесет и осум детални правила чија основна цел е да се обезбеди еднаков и фер третман на сите постојни акционери во компанијата што се нашла во ситуација на "преземање". Најголемиот дел правила се однесуваат на правилното утврдување на рамката и временскиот распоред на потезите на сите инволвирани страни, пред се насочено кон спречување на "паника" меѓу постојните акционери. Од друга страна, особено се потенцира "рамноправниот третман на сите акционери" и "високите стандарди на обезбедените информации" што треба да обезбедат целосна информираност на акционерите за постојната ситуација. Најкарактеристичните одредби на Кодексот се однесуваат на тнр. "задолжителни понуди" (mandators offer). Имено, кога едно лице (само или заедно со други лица во договор) ќе стекне 30% од компаниските акции (или повеќе) мора да даде јавна понуда за откуп на сите останати акции на компанијата по цена што е иста или поповолна од онаа што е платена за стекнатите 30%. Идејата што стои зад ова правило е дека во големите компании во Британија де фацто контролата се стекнува со поседување на 30% од компаниските акции (или дури и помал процент во одредени случаи) и дека сите други акционери треба да бидат во можност да ги продадат акциите на "главниот акционер" по повластената цена што тој ја платил за стекнатиот "контролен пакет акции". На овој начин се постигнува најповол-

[26] Rules of the London Stock Exchange, Chapter 14 (Compliance and discipline).

ната цена за оние акционери што сметаат дека повеќе нема што да прават во компанија што е под целосна контрола на некое друго лице. [27]

Суштественото правило што лежи во сржта на изменетиот City Code е дека кога купувачот еднаш ќе откупи некој дефиниран број акции во друштвото, тој мора да даде понуда за преземање за да стекне гласачко мнозинство. Овој услов оди со стекнувањето 30% од акциите или некој поголем процент. За целите на ова правило воопшто не е важно дали купувачот стекнал 30% од акциите или вршел сукцесивни купувања. Јавните понуди за преземање исто така мора да се дадат ако интересот од повеќе од 30%, но помалку од 50% е зголемен за 2% во текот на една година. Понудата секогаш подлежи на условот дека понудувачот стекнува мнозинство, но мора да се изврши по највисоката цена платена во периодот од последните 12 месеци.

"Одборот за преземања" донел и посебни "Правила што ги регулираат битните стекнувања на компаниските акции" (The Rules Governing Substantial Acquisitions of Shapes) чија основна функција е да ја намалат брзината со која едно лице може да стекнува компаниски акции на берзите и својот реален посед од 10% или 15% да го зголеми на претпоставените 30%. Со овие правила се настојува да се избегне паниката меѓу постојните акционери и компанискиот менаџмент и да се обезбеди многу поправичен и потранспарентен пазар.

Покрај надлежностите што "Одборот за преземањата" ги има во различни ситуации на преземање и спојувања на компаниите врз основа на наведениот City Code, со "Законот за фер тргување" од 1973 година (Fair Trading Act 1973[28]) е формирана посебна "Комисија за монополи и спојувања" (Monopolies and Mergers Commision). Надлежностите на оваа Комисија главно се во врска со "правилата за фер конкуренција и тргување", а во сите случаи на спојување на две или повеќе компании таа решава дали спојувањето е против јавниот интерес, дали води кон монополска позиција на новата компанија на пазарот (над 25% од стоките и услугите во одреден регион) и дали во операцијата се изнесени сите релевантни информации, то ест дали инволвираните субјекти биле целосно запознаени со "она што се случува".

Значи, преземањата во Велика Британија, кои се однесуваат главно на преземање на јавни компании, се одвиваат согласно The City Code on Takeover and Margers , познат и како The City Code или Takeover Code. Првата верзија на англискиот City Code од 1968 година воведе регулација на понудите за преземање[29]. Тој е најзначајниот и основен акт за регулирање на преземањето во Велика Британија. Решенијата на овој Кодекс беа содржани

[27]Benn Pettet, United Kingdom Company Law, International Encyclopaedia of Laws, Vol. 2, Corporations and Partnerships, Kluwer, Deventer 1992.
[28] Fair Trading Act, 1973
[29] Види *Weinberg, Blank and Greysmone* но. 912-918.

и во Предлогот на Директивата на Европската унија за преземање, но со текот на времето претрпи крупни измени.

Согласно Кодексот за преземање и спојување, сите акционери на друштвото треба да имаат еднаков третман. Во него јасно е наведено кои информации компаниите мораат јавно да ги објават, а кои информации не смеат да ги објават, обврските на понудувачот и условите кои мора да ги исполнува за да може да го реализира преземањето.

The Companies act 2006 е уште еден од актите на Велика Британија за регулирање на компаниското работење. Овој акт се стекнува со Royal Assent на 8 Ноември 2006 година (потврден со признание од страна на монархот), со што се завршува легислативниот процес на формално прифаќање (прогласување) од страна на парламентот. Во него се наоѓаат севкупните норми и правила за компаниското право, и речиси сите факти за правото поврзани со компаниите. Со овој акт, им се дава право на фирмите кои веќе имаат 90% од акциите на одредена компанија, да го откупат и остатокот акции (ова е уште познато како Squeeze out). Овој Акт го заменува (наследува) Компанискиот Акт од 1985 година[30], иаку актот од 1985 останува во сила се додека не се отповика во крајните имплементирачки одредби, закажани за 1 Октомври 2009 година. Поради тоа многу делови од Актот беа воведени со сила, бидејќи новите услови бараат и нови начини на работење. Посебно ова се однесува на состаноците и резолуциите на директорите и секретаријатот.

Во секој случај, при преземањата на јавните корпорации во Велика Британија, странските акционери ќе бидат исклучени од данок, а портфолио инвеститорите од Велика Британија ќе се квалификуваат за rollover третман.[31] Овој третман се однесува(важи) без разлика дали целта на преземањето е јавна трговска корпорација, иако, ако данокот за расчистување е потребен за повеќе од 5% од акционерите, приходите што се резултат на вообичаено проверените трансакции доведуваат до поблиски контакти меѓу компаниите.

3. Заклучок

Регулирањето на преземањето се разликува од замја до земја. Во некои држави се донесени закони за преземање, додека пак во други преземањето се регулира со соодветни кодекси, донесени од страна на недржавни тела.

[30] Companies Act, 1985
[31] S.138 Tahation of Chargeable Gains Act, 1992

Во секој случај, преземањето резултира со промена во контролата и моќта на управувањето со друштвото, стратегијата, одлучувањето, а во голем број случаи и со промена на органите на управување и менаџментот на друштвото. Тоа овозможува отстранување на неспособните менаџери, подобро и поефикасно располагање со средствата, односно со имотот на друштвото, а тоа е во интерес на сите акционери. Од друга страна, преземањето носи голем ризик правата и интересите на малцинските акционери да бидат повредени.

Поради тоа, со законските прописи се предвидува посебна постапка за преземање, чија суштина се изразува во обезбедување заштита на начелото на еднаква положба на акционерите. Оваа заштита особено се однесува на малцинските акционери, преку обврската за давање јавна понуда за откуп до сите акционери подеднакво и под исти услови.

Summary

The regulation of the taking over of a company differs from country to country. In some countries the laws for taking over companies are passed, while in others the taking over of the companies is regulated by appropriate codices, passed by the bodies that are not within the Government.

In any case, the taking over results in changing of the control and the power of the managing with the society, strategy, decision making and in a large number of cases by changing the bodies for running and the management of the society. That enables the incapable managers to be removed; better and more efficient managing of the means, i.e the property of the society, and that is actually the interests of all stockholders. However, the taking over of the companies brings a lot of stake to the rights and the interest of the stockholders who belong to the minority and who can be hurt.

Because of that, the legal regulations are necessary for a special activity for the taking over to be started and guided, whose core is expressed in providing protection of the principle for equal position of the stockholders. This protection especially concerns the stockholders who belong to the minority by giving public offer for equal purchase to all stockholders.

Литература

1. Anne M. Khademian - The SEC and Capital Market Regulation, 1994 и Spicer and Oppenheim - Guide to Stock Markets Accross the World, Spicer & Oppenheim, London, 1987.
2. Admission of Securities to Listing, Chapter 2, sec. 5.

3. A History of the London Stock Exchange, London Stock Exchange, 1993
4. Benn Pettet, United Kingdom Company Law, International Encyclopaedia of Laws, Vol. 2, Corporations and Partnerships, Kluwer, Deventer, 1992
5. *Berle*, Control in Corporate Law: 58 Colum. L. Rev. 1212-1225 (1958).
6. Burton G. Malkiel, Случаен од Wall Street, W.W.Norton & Company, New York. London, 1999
7. *Brown v. Halbert*, 271 Cal.App 2d 307 (1969)
8. Company Securities (Insider Dealing) Act 1985
9. Companies Act, 1985
10. Fair Trading Act, 1973
11. Final Report Of The Special Committee On NASD Strukture & Governance, NASD, 1990
12. Gilson, Seeking Competitive Bids Versus Pure Passivity in Tender Offer Defense, 35 Stan.L.Rev. 51 1982
13. How to Become A Member of the NASDAQ, NASD, 1991
14. Jennings, Trading in Corporte Control: 44 Cal.L.Rev. , 1956
15. Jennings W. Richard, Securities Regulation, eighth edition, New York, Foundation Press, 1998
16. L. Loss & j. Seligman, 5 Securities Regulation (3 rd ed. 1990) at 2163-2168
17. Quality of Markets, Report of the Special Committee of the Regulatory Review Task Force, NASD, 1988
18. Reference Guide for NASDAQ Companies, NASDAQ Company Servise, 1998
19. Reference Guide for NASDAQ Companies, 1988
20. Rules of the London Stock Exchange, Chapter 14 (Compliance and discipline).
21. Securities Act 1933, Sec. 3.
22. Securities Exchange Act 1934, Sec. 4.
23. SEC, Capital Market Working Paper, 1-12
24. *United States Federal Trade Commission*, Economic Report on Mergers, Washington, D.C., 1969
25. *Weinberg, Blank and Greysmone* но. 912-918.
26. Tahation of Chargeable Gains Act, 1992

349.2 : 34.037(4)

Асс. м-р **Билјана ТОДОРОВА**

СУДСКА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО КОМПАРАТИВНОТО ТРУДОВО ПРАВО

Апстракт

Судската заштита на правата од работен однос, не е новина во компаративното трудово право, туку напротив постоењето на вакви судови специјализирани за решавање на спорови настанати од работните односи е веќе одамна практика во повеќе земји. Така, во овој труд е направена комаративна анализа на судовите за работни спорови и потребата од нивно воведување во нашето судство.

Денес постојат четири главни системи на специјализирано работно судство во светот, и тоа: француски, британски, шведски и германски. Секој од тие системи е по нешто специфичен и во голема мера е прилагоден на средината и приликите кои владеат во соодветната држава.

Повеќето држави, доколку се определат да развијат систем на специјализирани судови за работни спорови, најчесто му приоѓаат на некој од веќе формираните и традиционални модела на системи на работното судство.

***Клучни зборови**: работен спор, работник, работодавач, судови за работни спорови, работен однос, специјализација на судот, права на вработените.*

1. Вовед

Работните спорови по својата природа не се иманентни само на договорната економија, туку тие исто така се познати и признати и во земјите со пазарна економија и капиталистичко општествено-економско уредување, бидејќи токму слободната пазарна економија и процесот на производство во тие системи исто така произведуваат и конфликтни ситуации меѓу работниците и работодавачите. Практиката во дел од земјите од Европската Унија укажува на тоа, дека, функционирањето на судовите за работни спорови не е плод на некои идеолошки определби туку, на заемните интереси на работниците и работодавачите меѓусебните спорови да се разрешуваат брзо, ефи-

касно и компетентно, во поедноставна постапка и без поголеми последици за спорните страни. За постигнување на овие цели работните спорови во одделни земји на Европската Унија се дадени во надлежност на посебни-специјализирани судови чии судии имаат посебни познавања од работното и социјалното право, колективното договарање и Меѓународната организација на трудот (Миленков, Д.: USAID, Решавање на споровите од работните односи, компаративни согледувања, Скопје 2007 год., стр. 10).

Во европската практика работните спорови се решаваат на четири начини - преку помирување, посредување, арбитража и судски спор, а кај нас со мирење и арбитража и судски спорови во граѓански судови. Во замјите на Европската Унија постојат специјализирани судови кои се многу ефикасни, имаат пониски такси и ги решаваат споровите за три до четири месеци.

Во некои држави од ЕУ ваквите спорови се во надлежност на посебни судови за работни спорови, при што само по правните лекови одлучуваат редовните судови. Таков е случајот со Австрија, Белгија и Франција. Во други држави како што се, на пример Шпанија, Норвешка и Финска само по вонредните правни лекови и во трет степен одлучуваат редовните судови, додека пак во некои од нив како што е примерот со Шведска и Ирска одлуките на судовите за работни спорови се конечни.

Има и такви европски земји во кои не постои судска или вонсудска процедура до кои може да се апелира кога се во прашање правни колективни работни спорови. Таквите спорови се третираат потполно исто, на ист начин и во исти судски тела како и сите останати правни спорови од областа на граѓанското право, на пр. Холандија која воопшто нема форма на работнички суд. Всушност, често се истакнува дека договорниот спор не е ништо поразличен ако се работи за договор за работа, за колективен договор, за договор од областа на трговското право или било каков друг договор.

Денес постојат само мал број на земји, како на пр. Израел и Германија, во кои судовите за работни спорови имаат многу воопштена надлежност и каде редовните судови не се вмешани во никакви битни постапки во врска со работата.

Чест е и случајот државите кои имаат развиено работно судство или арбитража во некои случаи да ја остават можноста на редовните судови за превземање на надлежност за водење на работните спорови. Така на пример, во скандинавските земји судовите за работни спорови се задолжени само за случаи кои се однесуваат на кршење на одредбите на колективните договори, додека сите останати работни спорови ги решаваат редовните судови. Во Белика Британија, покрај спезијализираниот трибунал кој ги разгледува жалбите поврзани со отпуштање на работниците или дискриминација при вработувањето, споровите настанати од кршење на одредбите на индивидуалните договори за работа спаѓаат во надлежност на редовните судови.

2. Карактеристики на судовите за работни спорови

Кога се зборува за судови за работни односи се мисли на судовите кои се специјализирани за решавање на работни спорови, за разлика од општите граѓански судови. Овие судови претставуваат едно помошно средство за затворање на јазот помеѓу правата кои им се дадени на работниците со легислативата и нивната имплементација во практиката.

Последните години на XX век, е се појасно дека во земјите во кои работните спорови се решаваат пред редовни судови постои сериозно заостанување на нивно решавање. Тоа е изразено или со должината на траење на постапката или со донесување на неадекватна одлука која не ги помирува страните во спорот.

Сепак, се чини дека иницијативата за воведување на судови за работни спорови во земји во кои вакви судови нема, најголемиот дел потекнува од академски кругови, а многу ретко од самите судии. Тоа е од причина што и понатаму постои верување помеѓу судиите дека било кој судија е квалификуван да реши било кој правен спор (Фондација „Фридрих Еберт“ – Работни односи, Компаративни согледувања за времетраењето на работниот однос и работните спорови, стр.208).

Факт е дека решавањето на работните спорови бара сочувување на социјаланта правда, овие спорови да се решаваат и разрешуваат брзо со минимални или без никакви трошоци за странките, без некои формалности и судски финеси и на крај тоа да го работат луѓе кои поседуваат специфични знаења од областа на трудовото право. Посебно е прашањето дали сите судови за работни спорови кои постојат во светот ги исполнуваат овие критериуми. Сепак, факт е дека повеќето споманти елементи на судовите за работни спорови се повеќе наклонети на страните во спорот отколку редовните судови.

Едно од клучните обележја на судовите за работни спорови е брзината во донесувањето на одлуките. Таа е од важност кај решавањето на сите видови на спорови, но е од суштинско значење кога се работи за работни спорови.

Еден од најкарактеристичните примери кои би го потврдиле горенаведеното тврдење е жалбата на вработениот на кој му е откажан договорот за вработување. Скоро во сите законодавства вработениот може да се жали доколку отказот е од неоправдани причини, кои најчесто се формулираат со законот или со колективните договори. Би било неприфатливо во услови на тешко наоѓање на вработување или голема невработеност, работникот да чека многу одложувања на рочиштата кои се вообичаени во постапката пред редовните судови. Некогаш и самата постапка може да трае повеќе години, што за работникот е потполно неприфатливо.

Од друга страна, важноста во брзината на донесување на одлуката се изразува и кај правните колективни работни спорови, т.е оние кои настануваат во постапката на примена односно толкување на одредбите на колективните договори. Доколку одлуките по овие прашања не се донесат на време, неминовно доаѓа до пореметување на односите на релација синдикат-работодавач со што паѓа ентузијазмот кај работникот, кој како свој краен излез има компромитирање на економската позиција на цело претпријатије.

Во многу земји со пазарна економија судовите за работни спорови меѓусебно се разликуваат. Разлики посебно постојат во поглед на нивните: надлежности, состав (дали се организирани како трипартитни, бипартитни или унипартитни), достапноста, времетраењето, трошоците, изборот на судија непрофесионалец и многу други карактеристики.

3. Распространетост и видови на судови за работни спорови

Трудовото законодавство во многу земји денес е главно развиено. Постојана тенденција е да се унапредува правната регулатива со која се уредуваат и штитат правата на вработените. За тоа посебно допринесува и активноста на Меѓународната организација на трудот со донесувањето на бројни конвенции и препораки од оваа област, кои голем број држави ги имаат вградено во своето законодавство.

Денес судовите за работни спорови се распространети по целиот свет. Сепак, од значење се четири системи на заштита на правата од работниот однос: француски, британски, шведски и германски систем, по чиј углед подоцна се формирани и останатите системи. Еден од таквите системи кој е работен по директен углед на германскиот модел е застапен во Словенија. Со оглед на тоа, понатаму внимание ќе се посвети и на овој модел.

3.1. Франција

Работното судство во Франција е поминато низ бројни реформи. Институцијата суд за работен спор добива свој најзначаен облик во највисокиот мировен советодавен суд кој е формиран на иницијатива на Министарството за правда и Министарството за труд.

Овој Советодавен суд го сочинуваат претставници на двете наведени министарства и еднаков број на претставници на работниците и работодавачите кои се избираат на највисоко национално ниво.

Основната функција на Советодавниот суд е подобра примена и модернизација на нормите кои ги проучува трудовото право. Судот е непрофесионален, го сочинуваат луѓе од пракса, собрани да решаваат и разгледуваат

посебно колективни работни спорови. Ако треба да се одлучи за тужба чие барање е толкување и извршување на колективен договор за работа, тогаш за тој спор е надлежен Високиот Трибунал (Tribunal de Grande Instance). Карактеристика на овој систем е бипатризмот чиј што главен заговорник е синдикатот кој смета дека праведните луѓе се покомпетентни за решавање на индустриските конфликти во однос на професионалните судии (Les Jurisdictions du travail dans les etats members de la CEE, Paris, 1990, стр.151).

Во Францускиот систем предвидено е „совет на добри луѓе“ да бидат организирани низ секции, а ако секцијата има повеќе од 16 членови, од практични причини може да се формираат едно или повеќе одделенија, при што секоја секција или одделение мора да формира две бироа: биро за помирување и биро за судење. Според Буленовиот закон (Loi Boulin) од 1979 година со измени и дополнувања од 1982 год., се формираат пет секции и тоа за: индустрија, трговија, земјоделство, менаџмент и професионално образование и други дејности. Секоја секција има најмалку осум членови, еднаков број представници на работниците и претставници на работодавачите. Членовите на судот помеѓу себе, со тајно гласање избираат претседател и потпретседател, при што за време траење на мандатот тие немаат преовладувачки глас при донесувањето на одлуките (Les Jurisdictions du travail dans les etats members de la CEE, Paris, 1990, стр.152).

Одлучувањето во втор степен е доверено на апелационите судови. Тие се надлежни да ја изменат или поништат одлуката на првостепениот суд. При апелациониот суд постојат повеќе совети кои се надлежни за одредена општествена област. Советите, за разлика од првостепениот суд, се составени од професионални судии.

„Советот на добри луѓе“ исклучиво е надлежен за решавање индивидуални работни спорови, а не за колективни работни спорови (Les Jurisdictions du travail dans les etats members de la CEE, Paris, 1990, стр.153).

Францускиот систем е поприлично изучуван и превземан од страна на многу европски земји, а посебно: Белгија, Холандија, Луксембург, Италија, Грција, Швајцарија и некои делови на Германија. Денес „советите на праведните“ се користат, покрај Франција и во некои кантони во Швајцарија, како и во афричко - франкопански земји (Габон, Мали, Сенегал).

Во поглед на ограничувањето на надлежноста на судовите за работни спорови во Франција, потребно е да се истакне дека овие судови како и бројни други, посебно скандинавските, немаат надлежност за решавање работни спорови поврзани за повреда на Законот за работни односи. Надлежноста за решавање на вакви спорови е препуштена на редовните судови и некои други тела.

Во тек на самата постапка постои официјална и задолжителна процедура на мирење пред делумен состав на судот. Доколку со мирењето не се успее

тогаш се оди на полн состав на судот. Во тек на сослушувањето пак, кое прилично е не формално, страните во спорот можат да бидат застапувани од страна на адвокат, но тоа не е задолжително. Воглавно како застапници на работниците се појавуваат претставници на синдикатот или некои други работници.

Иако одлуките најчесто се донесуваат со мнозинство или со апсолутно мнозинство, бипартитниот состав на судот често се води како „ќорсокак" кој мора да се реши во следната фаза на постапката. Во таков случај доаѓа до понатамошно сослушување на кое присуствуваат и судии од редовниот суд кои ја донесуваат одлуката.

Многу значајна карактеристика на францускиот систем на судство за работни односи е дека може да се поднесе жалба на одлуките на судот за работни спорови поврзани за фактичка ситуација или законски прашања. Затоа во практиката целиот случај може, како нов случај, да се решава пред редовниот суд.

Нова жалба може да се поднесе и до апелационен суд, исто така на основа на фактичката ситуација и законот во случај кога паричната вредност на спорот е поголема од пропишаната. Жалби до Касациониот суд пак, може да се поднесат само во поглед на некои законски неправилности (Les Jurisdictions du travail dans les etats members de la CEE, Paris, 1990, стр.154).

Според претходно изложеното, се чини дека францускиот систем на работно судство пати од најмлку две основни карактеристики од кои произлегува и доцнењето во донесување на пресудите. И двете се однесуваат на жалбената постапка која се користи во голем број на случаи. Првата е дека само на основа на факти може да се поднесе жалба, а другата, многу мал паричен надоместок, која овозможува потоа да се оди уште понатаму во жалбената постапка. Имено, искуствата на другите судови говорат дека е потребно да се ограничи поднесувањето на жалба, што во овој случај би било од големо значење.

3.2 Велика Британија

Во Велика Британија постојат индустриски трибунали. До нивно формирање дошло под влијание на специјализираните судови за работни спорови, посебно Германија и Франција, со донесувањето на Industrial Trading Act од 1964 година. Во состав на советите на индустрискиот трибунал влегуваат: професионални судии и представници на работодавачите и работниците, со почитување на принципот на трипартизам (Dickens,L. Cockburn, D.: Dispute settlement Institutions and the Courts, Labour Law in Britain, Oxford, 1986, str. 543-544).

Индустриските трибунали се двостепени и исклучиво се надлежни за решавање на индивидуални работни спорови, најчесто во врска со незаконски откази.

Постапката пред трибунал е неформална, флексибилна и ефикасна. Кога се работи за решавање колективни работни спорови не се предвидува надлежност на трибуналот, туку институции како што се: служби за мирење и посредување (јавни или приватни), арбитража и сл (Dickens,L. Cockburn, D.: Dispute settlement Institutions and the Courts, Labour Law in Britain, Oxford, 1986, str. 543-544).

За одредени работни спорови судат и редовни судови, пред се Високиот Суд. Специфичноста на судовите за работни спорови е специјализација на индустрискиот трибунал за одредени видови работни спорови: за отказ на договорот за вработување, за платата, за дискриминацијата на вработените и др. Сличен систем се користи и во Ирска, Северна Ирска и Нов Зеланд.

3.3. Шведска

Во Шведска специјализирањето на работното судство е институционализирано со донесувањето на Законот за судови за работни спорови од 1928 година. Слично на Германија, работниот суд на Шведска е професионализиран и се заснова на принципот на трипартизам. Советите на судовите за работни спорови се состојат од професионални судии, членови одредени од претставникот на работодавачите и претставникот на синдикатот (Bakels, H.: International Encyclopedia for Labor Law and industrial Relations, Kluwer Law International, 1987, str. 28).

Во оваа земја, правило е дека советот на судот за работни спорови брои седум членови кои претставуваат стручност, професионализам, непристрасност и социјални партнери.

Работниот суд во Шведска е надлежен и за: работни спорови на државните и јавните службеници, за сите спорови во врска со колективните договори и за оние кои можат да настанат помеѓу работниците и работодавачите. Тој е организиран како првостепен и второстепен суд (Bakels, H.: International Encyclopedia for Labor Law and industrial Relations, Kluwer Law International, 1987, str. 28).

3.4. Германија

Германскиот систем на судство спаѓа во редот на оние кои на судовите за решавање на работни спорови им даваат најголема надлежност. Во Германскиот систем заштитата на правата од работниот однос се врши

кај специјализираните судови за решавање на работни спорови. Советот на судот за решавање на работни спорови е составен врз основа на принципот на трипартизам – еден професионален судија и двајца членови на советот кои се судии поротници, а класичниот работен суд како специјализиран суд настанал уште во далечната 1926 година, кога е усвоен нивниот Закон за работни односи. Специјализацијата на судот за решавање на работни спорови е доследно спроведена почнувајќи од првостепениот суд, преку покраинскиот, односно апелациониот суд до Совезниот суд за решавање на работни спорови. Ваков систем на тростепено судство претставува највисок степен на специјализација и професионализација на судството во споредбеното трудово право (Weiss, M. Schmidt, M.: Labor Law and Industrial Relations in Germany, Kluwer Law International, 2000, str. 222).

Судовите за решавање на работни спорови во Германија се надлежни за решавање на сите работни спорови настанати од работните односи со исклучок на споровите од областа на социјалното осигурување кои ги решава специјализиран судски форум.

Овој систем денес се зема како модел по кој се изградени многу други системи на работно судство во светот. Голем број источни и централно – европски земји при реформирање на системите на индустриските односи ги прифатиле аспектите на германскиот систем на судство за работни спорови на својот пат кон пазарна економија. Еден од тие примери претставува и Република Словенија која во поглед на остварување и заштита на правата од работен однос отишла подалеку него било која држава од централно-источна Европа.

Доколку нашиот законодавец се определи за концептот на специјализирани судови за одлучување за работни и социјални спорови, поедини одредби кои се користат во германското законодавство можат да послужат како достоен пример, при што секогаш треба да се земат во предвид и специфичностите на нашето поднебје.

3.5. Република Словенија

Република Словенија е прва држава која после распадот на бивша СФРЈ усвоила Закон за работни и социјални судови. Со овој закон се уредува надлежноста и организацијата на работните и социјалните судови, како и правилата на постапката по која овие судови расправаат и одлучуваат за работните спорови.

Судовите за работни спорови во Словенија се надлежни да решаваат индивидуални и колективни работни спорови, као и социјални спорови (Водовник, З. Жужек, И. Лукић, Д.: Коментар Закона о радним и социјалним судовима, Љубљана, 1994. стр.108).

Со оглед на тоа дека словенечкото работно судство е засновано на германскиот модел, така и овде судовите се организирани во три степени. Во прв степен надлежни се судовите за работни спорови и социјалниот суд од прв степен, додека во втор степен е надлежен високиот работен и социјален суд. Врховниот суд на Република Словенија е третостепен суд кој одлучува за ревизија и барање за заштита на законитоста. Во постапката пред работните и социјалните судови се применуваат одредбите на Законот за парнична постапка. Судот одлучува со пресуда во која се наоѓаат фактите и одредува рок од осум дена за нејзино исполнување

Законот за работни и социјални судови посебно внимание му посветува на институтот застапување и во него е пропишано дека услов за застапување во првостепена судска постапка е застапникот да е дилпомиран правник, а за застапување во втор и трет степен потребно е и положен правосуден испит (Водовник, З. Жужек, И. Лукић, Д.: Коментар Закона о радним и социјалним судовима, Љубљана, 1994. стр.108).

За спорови од колективни договори месно надлежен е Работниот и социјален суд во Љубљана, додека за останатите колективни спорови месно надлежен суд се определува според седиштето на работодавачот. Постапката во колективните работни спорови се поведува со предлог.

Во поглед на помирување на трошоците, секој учесник ги сноси своите трошоци. Судот е овластен по службена должност да изрече привремени мерки кои се применуваат во извршна постапка за да се спречи самоволно однесување или ненадоместлива штета (Водовник, З. Жужек, И. Лукић, Д.: Коментар Закона о радним и социјалним судовима, Љубљана, 1994. стр.108).

Она што е многу впечатливо кај овој законски текст е тоа што тој е многу краток, односно има само 77 членови, а карактеристична е и неговата прецизност.

Може да се констатира дека овој закон може да послужи како модел на некој наш иден, Закон за судско решавање на работните спорови, во кој случај би било направен значаен чекор напред во поглед на заштита на работниците и остварување на нивните права.

3.6 Република Македонија

Во Република Македонија судската заштита на работниците по повод повреди на индивидуалните и колективните права од работен однос не е решена на задоволителен начин. Кај нас не постојат специјализирани судови за решавање на работни спорови. До 1992 година функционираа судови за здружен труд, каде што се решаваа единствено предмети од правото на работните односи. Денес, работните спорови се решаваат во процесна

постапка пред редовните судови по правилата на Законот за парнична постапка. Според податоци од Сојузот на синдикати на Република Македонија, годишно се водат околу 200.000 спорови од сферата на работните односи, бројка што ни малку не е за потценување и што ја потврдува потребата од овие судови. Сите анализи укажуваат на бавноста во процедурата на решавањето на работните спорови, на преголемата оптовареност на основните судови, а особено на нестручноста. Од тоа штетните последици ги погаѓаат истовремено и социјалните партнери во земјава

(http://star.dnevnik.com.mk/default.aspx?pbroj=2953&stID=70525).

Направени се обиди работните судови да се воведат со Законот за работни односи, но таков предлог бил подлежен на оправдана критика, затоа што судовите, се уредуваат со посебен закон Закон за судовите.

Во 2007 се донесе Закон за мирно решавање на работните спорови (Службен весник на РМ, бр. 87/07) по пат на арбитража со цел да се намали бројот на судските спорови како и за обезбедување поголема оперативност и ефикасност на трудовата инспекција на која и се даде можност да изрекува мандатни казни за кршење на правата од работниот однос. Медијацијата е вонсудска постапка на алтернативно решавање на спорови врз слободно изразена волја на страните, со помош на трето неутрално лице (медијатор) кое им помага на страните да изнајдат заедничко прифатливо решение.

Република Македонија моментално се наоѓа во процес на транзиција, во кој често, намерно или случајно, се заборава на некои основни права на граѓаните и работниците. Поради тоа е потребно, сега можеби и повеќе од порано, заштита на правата на работниците и низ таа заштита да им се врати на работниците довербата во законските прописи и државните органи кои одлучуваат за нивните права. Целта за воведување на вакви специјализирани судови е да се скратат долгите судски постапки за права од работен однос и да се намалат судските трошоци. Државата треба што поскоро да формира специјализирани судови за спорови од работни односи што ќе обезбедат многу поекономична и поефикасна судска постапка.

4. Заклучок

Со развивањето и актуелизацијата на работничките права, работничките судови влијаат врз законот за труд. Врската помеѓу јуриспруденцијата и легислативата често е очигледна кога легислацијата е променета по одредена судска одлука. Работничките судови кои кореспондираат на одреден национален систем на индустриски односи имаат многу предности, а најважно е тоа дека тие на работницците им даваат средство за спроведување на своите права како што е дадено со легислативата. Натамошните предности може да бидат

резимирани на следниот начин: работничките судови нудат побрзи постапки, судиите нудат посебно знаење во социјалните области кое судиите за граѓански работи го немаат и не може да го имаат, поротниците донесуваат знаење од пазарот на трудот во судовите и го зголемуваат прифаќањето на донесените одлуки, поднесувањето на жалба и процедурата на процесот може да бидат поедноставни, синдикатите може да ги застапуваат своите членови и главно постапката ќе биде со помали трошоци (Фондација „Фридрих Еберт“ – Работни односи, Компаративни согледувања за времетраењето на работниот однос и работните спорови, стр.217)

Компаративно посматрано, денес постојат четири главни системи на специјализирано работно судство во светот, и тоа: француски, британски, шведски и германски. Секој од тие системи е по нешто специфичен и во голема мера е прилагоден на средината и приликите кои владеат во соодветната држава. Така на пример, британскиот систем на работно судство е доста либерален, двостепен и што е најважно, предвиден е само за решавање на работни спорови. Од друга страна, германскиот систем на работното судство е исклучително комплексен, може и еден од најкомплексните системи во светот, постапката е организирана како тростепена, а надлежноста на судовите за работни спорови се простира, како на решавање на индивидуалните, така и на решавање на колективните работни спорови.

Денес државите, доколку се определат да развијат систем на специјализирани судови за работни спорови, најчесто му приоѓаат на некој од веќе формираните и традиционални модела на системи на работното судство. Најдобар пример е Република Словенија која за само неколку години ги „имплементира“ некои одредби на германскиот Закон за судови за работни спорови и во комбинација со сопственото искуство има создадено таков систем на судови за работни спорови кој не е копија на германскиот систем, туку поседува и извесни свои специфични обележја.

Судовите за работни спорови денес претставуваат развиени и општо прифатени установи во светот. Ретки се земјите кои не го познаваат системот на специјализирано работно судство во некој од неговите облици. Дури и такви држави како што е примерот со Холандија, која не го познаваат институтот на работно судство, соочени се со проблеми на ефикасност и стручност кои се јавуваат кај решавањето на работните спорови. Впрочем, една од основните функции на работното судство е да ги растерети редовните судови и на ефикасен, економичен и квалитетен начин да го реши работниот спор. Тоа е можно само доколу за таквите спорови судат судии кои се специјализираат за работни односи и кои со својот авторитет секогаш можат да застанат зад донесената пресуда.

На крај, останува да се подржи воведувањето на судовите за работни спорови кај нас и тоа по пример на некој од наведените европски држави.

Факт е дека во третиот милениум влеговме со работно законодавство кое не е прилагодено на пазарното стопанисување и според тоа крајно време е да се пристапи кон изработка на модерно трудово законодавство, кое ќе биде модерно и во поглед на решавање на настанатите спорови од работниот однос.

Би требало некои од решенијата кои се наведени во овој труд да послужат за воведување еден модерен и прогресивен систем на судови за работни спорови кој ќе им овозможи на работниците да ги остварат и заштитат своите права на адекватен, брз и ефикасен начин. Денес често може да се слушне дека непостоењето на неформален и ефикасен работен суд претставува сериозен недостаток на македонскиот систем на трудовото право.

Summary

Judicial protection of rights of employment is not a novelty in comparative labor law, but rather the existence of such specialized courts to resolve disputes arising from labor relations have long been the practice in many countries.

Thus, in this paper, comparative analysis of business disputes for the courts and the need for their introduction in our judiciary is made.

Today there are four main systems of specialized labor judiciary in the world: French, British, Swedish and German. Each of these systems has its own specifics and is largely adapted to the environment and the circumstances which rule in the respective country.

Most states, if they are determined to develop a system of specialized courts for labor disputes, often approach any of the already established and traditional models of labor judiciary systems.

***Key words**: labor dispute, employee, employer, labor courts for disputes, employment, specialization of the court, rights of workers.*

Литература

1. Бајич, С.: Основи радног права, Београд, 1937.
2. Bakels, H.: International Encyclopedia for Labor Law and industrial Relations, Kluwer Law International, 1987.
3. Blainpain, R. Engels, C.: Comparative Labour Law and Industrial Relations in Industrialized Market Economies, Kluwer Law International, 1998.
4. Брковиќ, Р.:Радни суд, Крагујевац, 2003.

5. Брковиќ, Р.: Радни суд као специјализовани суд за радне спорове, Будвански правнички дани, Београд, 2001.
6. Водовник, З. Жужек, И. Лукић, Д.: Коментар Закона о радним и социјалним судовима, Љубљана, 1994.
7. Dickens, L. Cockburn, D.: Dispute settlement Institutions and the Courts, Labour Law in Britain, Oxford, 1986.
8. Јашаревић, С.: Радни судови, Годишњак Правног факултета у Новом Саду, 1995.
9. Les Jurisdictions du travail dans les etats members de la CEE, Paris, 1990.
10. Миленков, Д.: USAID, Решавање на споровите од работните односи, компаративни согледувања, Скопје, 2007.
11. Стојановић,М.: Прилог дискусији о потреби оснивања радних судова, односно судова за радне и социјалне спорове, Будвански правнички дани, 2001.
12. Фондација „Фридрих Еберт“ - Работни односи, Компаративни согледувања за времетраењето на работниот однос и работните спорови, Скопје, 2007.
13. Hatamm, V.: Labor Visions and State Powers, New Jersey, 1994.
14. Weiss, M. Schmidt, M.: Labor Law and Industrial Relations in Germany, Kluwer Law International, 2000.
15. http://star.dnevnik.com.mk/default.aspx?pbroj=2953&stID=70525



ФАКУЛТЕТ ЗА
ПОЛИТИЧКИ НАУКИ

321.01 : 340.15

Проф. д-р **Живко АНДРЕВСКИ**

ОДНОСОТ МЕЃУ НОРМАТИВНОТО И СТВАРНОТО КАКО ПРЕДМЕТ НА ПРОУЧУВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ НАУКИ

Апстракт

Вообичаено гледано определувањето на предметот на проучување на било кои науки па и на политичките, се смета за недоволно потребна работа, а понекогаш и за веќе апсолвирано прашање. Меѓутоа, фактот што политиката и политичкото во општеството, кон крајот на 20-от и почетокот на 21-от век доживуваееја тектонски промени сам по себе наложува неопходност о прецизирање од предметот на политичките науки. Односот меѓу нормативното (устав, уставен систем и уставен поредок, право, закони и правен поредок, правни норми) и реалното (политички активности и борби, политички процеси и тешкотии, политички доблести и промашувања) е бездруго тема од првокласен карактер за новиот предизвик на политичките науки.

Определен број категории во историјата, теоријата и практиката на политиката имаат трајна супстанца, но нивните појавни форми се доволно влијателни за да обезбедуваат нов ентитет и идентитет на тие појави. За потсетување ќе ја споменам дека формулата оти се е подложно на промени освен самата промена.

***Клучни зборови**: политички науки, предмет на проучување, нормативно, стварно, нови вредности на политиката.*

Вовед

Во воведниот дел од текстот во најкуси можни црти ќе се насликаат неколку политички процеси од најблиското политичко минато од Република Македонија и преку нив ќе се илустрира можниот сооднос меѓу нормативното и реалното.

Пред неколку години врз основа на законски одредби беше регулирано да се изврши пререгистрација на политичките партии со потребни илјада, односно петстотини основачи врз основа на Единствениот

избирачки список на граѓаните од земјата. Еден граѓанин, со право на формирање и учество на формирање во политичка партија можеше да биде потписник само за една политичка партија.

Во практиката се појавија реални процеси и настани каде што како основачи се појавуваа и луѓе кои немаа никакво политичко и идеолошко интересирање за конкретната политчка партија.

Како што е познато во текот на 2009 година се одржаа четвртите по ред претседателски избори на Република Македонија, врз основа на Уставот од 1991 година. Процесот на кандидирање беше доста разгранет, се кандидираа лица кои не беа известени дека би биле кандидати, се самокандидираа лица кои ни оддалеку не можат да ги исполнат предвидените услови и потписи (Најмалку 10.000 граѓани, или најмалку 30 пратеници на Собранието на РМ).

Значи, зад нормата дека секој граѓанин може да се кандидира стоеше неопходност од организиран систем на собирање на потписи и исполнување на тој дел од условите.

Со соодветни законски норми е предвидена да се проверува имотната состојба на носителите на јавни функции при преземањето на тие должности и по завршувањето на изборниот мандат. Нормите се доволно разгранети за да се утврдува различен вид богатство (куќи, станови, објекти за одмор и рекреација, автомобили, штедни влогови, вредни предмети и сл.), а практиката познава и речиси невозможни ситуации на наводна, бедотија на релативно мал број на носители на такви функции. Тоа е доволен предизвик за политиколошко анализирање на реалните состојби кои имаа влијание врз политичката практика. Со воспоставувањето европски стандарди за правата, обврските и надлежностите на локалната самоуправа во Република Македонија се отвори процес за утврдување на сопственоста на многу објекти, простори и друг вид земјиште во смисла на тоа во чија сосптвеност ќе бидат во иднина (односно дали со нив ќе управува централната или локалната власт). Самиот факт дека станува збор за утврдување сосптвеност отвори многу поширок политички процес отколку што можеше да се претпостави со законските норми за надлежностите на локалната самоуправа.

Основи за елаборација

Неспорно е дека политиката доби радикално нови карактеристики и од вештина на управување, од сфера на судир на интереси, од област која претставува типичен пример за борба за власт, моќ и авторитет, од област која нуди експонирање и привилегии го исцрта патот кон политика исполнета со доблести, максимално профисионализирана, апсолутно стручна, исполнета со хуманиза и хуманистички вредности. Тоа важи за сите

сфери на политиката: политичките активности, политичките институции, политичката свест, политичка историја и меѓународните односи и дипломатијата.

Вака големата и епохална трансформација на политиката и политичкото само го засилува значењето на проучувањето на сообносот на нормативното и стварното, а не го намалува важењето и дејството на тој сооднос. Се разбира, дејствувањето на политичките субјекти ќе биде во уверување дека расчекоторот меѓу норамитвното и стварното ќе се намалува, а задача на политичките науки е да утврди каков е вистинскиот сооднос и како состојба, и како принципи, и како тенденција.

Власта и разликите

(1) Во современи услови, речиси да нема општествен однос кој не е регулиран со правна норма. Државата, во таква мерка е силна што не само што ги регулира односите во производството, прометот, културата, образованието и другите области, туку е во ситуација да создава општествени односи со правните норми, без оглед во каква форма се појавуваат тие. И одеднаш на површниот набљудувач и испитувач му се причинува дека нормата е семоќна: ја регулира стварноста, ја менува, создава нова реалност. Правните норми можат и во најголем број се антиципативни, односно ја водат стварноста кон однапред определена цел. Но, тоа не можат да го сторат сите норми. Ваквата функција ја исполнуваат само нормите кои што водат сметка за реалноста, кои ги почитуваат законите на движењето на стварноста. Нормите кои немаат доволна поврзаност со постојниот систем на состојби набрзо го покажуваат своето вистинско лице: остануваат „мртва буква на хартија“. Стварноста во тој поглед е неумолива, сурова.

Зборувајќи во конкретни примери тоа би изгледало: донесување правен акт, систем на правни норми со кои се поставува како задача во непосредно близок период да се воведе комунистички систем на општествени односи во било кој општествен систем од оние кои моментно егзистираат. Не е потребна голема мудрост да се види дека таквите норми за подолг период ќе останат добри, привлечни фикции.

(2) Историјата на општеството, посебно на модерните општествени системи, богата е со примери на очигледен или скриен расчекор меѓу нормативното и реалното (фактичкото). Се случувало и се случува во општеството да нема речиси ништо од она што е напишано во уставниот акт, во законските прописи.

Кога се одредува природата на расчекорот нужно е да се разликуваат **НЕГАТИВЕН И ПОЗИТИВЕН РАСЧЕКОР.**

Негативен расчекор е оној кога нормативниот систем е демократски ги содржи основните човекови слободи и права, нормите по својата формална поставеност ја водат стварноста кон ослободување на човекот, нудат елиминација на оттуѓувањето. Но, во реалните општествени односи и процеси се случува нешто многу поинакво: диктатура, експлоатација, оттуѓеност. Постојат, значи, добри закони, стварноста не е во согласност со нив. Проучувањето на сегашната политичка реалност во светот може да открие примери на постоење на ваков расчекор.

За позитивен расчекор зборуваме во ситуации кога законите се недемократски и кога стварноста ги надминала во поглед на внесување на прогресивно во животот, во поглед на ослободување на човекот.

(3) Расчекор постои, без сомневања. Кои се причините за појавата на расчекорот?

Можна е најопшта поделба: на објективни и субјективни причини.

Образложението на првата група, односно на објективните причини главно останува на две поставки: стварноста е динамична, променлива, секојдневно, поизразено или помалку јасно, се менуваат реалните односи, се менува нивната содржина и формата на постоење. Истовремено, нормата е статична категорија, се формулира еднаш и во текот на својот век на егзистенција (правнички речено додека е на сила) останува непроменета. Нејзината структура и одразување на односите што ги регулира има неизменет распоред на составните делови. И покрај очигледните опасности меѓу нормата и стварноста во ниеден момент да не постои согласност, во одреден временски интервал согласноста е утврдлива. Меѓутоа, целосен склад во подолг период речиси е неможен. Ако е така, се поставува проблемот од следење на степенот на расчекорот меѓу нормативното и стварното.

Поинтересна е втората група причини. Тука, се испитува моќта и немоќта на субјективниот фактор, се наоѓаат примери на намерно создавање на расчекор. Разгледувањето на причините за расчекорот по функции на власта нуди најмогу можности.

а) Законодавната власт придонесува за постоењето на расчекорот меѓу нормативното и стварното затоа што во текот на донесувањето на нормативните акти (се мисли, пред сѐ, на акти со сила на устав или закон) одредени општествени процеси, односи, фактички состојби ги превидува и воопшто не ги нормира. Најговорлив пример за тоа претставуваат уставните концепции во голем број модерни општествени системи, а во кои не се признава, не се санкционира егзистенцијата, дејствувањето на политичките партии. Повеќе од очигледно е дека политичките партии во овие политички

системи претставуваат битен фактор во функционирањето и остварувањето на дадена политичка концепција и се највлијателни, најподвижни субјекти во политичкиот живот. Политичките партии, значи, работат како „екстрауставни“ институции и во таква ситуација речиси е неизбежен расчекорот меѓу уставното, нормативното видување на реалното општествено живеење и самото живеење како фактичка состојба.

Значаен пункт во кој законодавната функција на власта е создавач на расчекор е областа на неусогласеност меѓу желбите и можностите.

Веќе рековме дека нормата нема цел само да ги озаконува постојните односи такви какви што се, туку нејзина првенствена задача е стварноста да ја води напред, во одреден правец, со посакуван интензитет. Меѓутоа, се јавуваат разлики меѓу свесното (она што сака да се постигне со донесувањето на нормата) и стихијното (она што се јавува како додатен фактор кој го спречува или оневозможува реализирањето на започнатото). Или постапките се намерни, но резултатите од тие постапки се ненамерни, често неочекувани и непредвидливи.

На претходно изнесениот пункт се надоврзува и следниот кој ја „обвинува“ законодавната власт што не покажала доволно осет и интуиција да предвиди, во реални општествени рамки, кои од донесените норми имаат услови, а со тоа шанси, да бидат реализирани. Законодавецот, за да го оневозможи постоењето на расчекор, треба да покаже и доволно познавање на законите на движењето на општествената стварност и од тоа да знае што доаѓа, како ќе се развиваат односите и врз основа на тие сознанија да донесува норми. Не може да се заборави фактот, кога се разгледува општата улога на законодавецот, дека голем број норми, нормативни акти тој само ги потпишува во содржина и облик како што ги понудил предлагачот, најчесто извршно-управната власт.

Најпосле законодавната власт е произведувач на разлики меѓу нормативното и стварното по свесни активности. Таа намерно ги затвора очите пред фактичката состојба и реалниот систем на односи и донесува правни норми кои во суштина претставуваат фасада, лажно обоена зад која се кријат поинакви состојби. Во огромен број случаи, стварноста свесно е претставена како поубава, попрогресивна, поразвиена во однос на постојното.

Законодавната власт во создавањето на расчекорот меѓу нормативното и стварното има значајна улога, но далеку поголем удел има извршно-управната власт.

б) По својата реална положба во системот, извршно-управната власт секогаш имала и има најактивна улога и важи за вистинска власт. Затоа во ситуација е да спроведува во живот закони и нормативни одредби кои не

се во голема блискост со намерите кои произлегуваат од актите на законодавната власт. Поточно под фирмата на постојано повикување на позитивните закони се реализира нешто поинакво, па и спротивно. Задолжена да ги спроведува и да се грижи за спроведувањето на нормативните акти на законодавството, извршно-управната власт создава незаконски реален систем на односи (се разбира во ситуации кога законодавецот не ја контролира или кога извршните органи не одговараат за својата работа пред законодавните). Тука, во тој простор на непостоење на контрола се јавуваат услови за појава и егзистенција на бирократизмот. Ако станува збор за најконкретни облици преку кои извршно-управната власт создава расчекор меѓу нормативното и стварното, таа го постигнува тоа со самостојноста во толкувањето на нормативните акти и со издавањето на поединечни правни акти кои не се во согласност со општите правни акти чиј творец е законодавната власт.

в) И судската власт има дел во овозможувањето на расчекорот меѓу нормативното и стварното. Судската власт го чини тоа така што, иако е задолжена да ги заштитува позитивните норми – не го чини тоа, туку заштитува некои други норми – ненапишани.

Народните искази и општествената реалност

Историјата на општествената и политиколошка мисла не памти теориски правец во која афирмативното или негаторски, материјалистички или идеалистички, пристрасно или објективно не е разработувана државата. Народниот творец исто така не затворила очи пред настаните директно врзани за државата или оние што биле нејзина последица. Една од максимите за државата е: „државата рака сечи – не боли!“.

Биолошки е познато: пресекувањето на раката, поточно и најмала повреда предизвикува болки, ја нарушува вкупната физиологија во човековиот организам. Народниот творец, ако тесно и едностранo се толкува исказот, тврди нешто сосема спротивно од она што научно и практично е потврдено. Догматистички погледано максимата е нелогична, уште помалку објаснува, советува.

Државата е организација која располага со монопол за физичка принуда на одредена теорија и која го штити начинот на производството чии носител е владеачката класа која раководи со државниот апарат. Значи, првото обележје на државата што всушност ја разликува од другите организации кои во своето дејствување применуваат сила е нејзиниот монопол, таа е најсилната, најмоќната организација. Логично, ако е најсилна (во политичко – правната теорија таа карактеристика се наречува суверенитет) таа се наоѓа во ситуација да се однесува по своја волја.

Народниот творец тоа го чувствува и го изразува на симболичен начин: рака сечи – не боли. Поточно, ако е тоа волја на државата, па дури и да е повеќе очигледно дека ситуацијата е поинаква, мора да се исполни. Ова го покренува прашањето на односот меѓу економијата и силата. Во науката тоа прашање е одамна разрешено. Силата е способна да менува само ако ги почитува законитостите на економијата. Во спротивно, порано или подоцна, силата ќе биде поразена.

Во врска со предходната поговорка, а се однесува на економските функции на државата, е и „од државна чешма – не се пие вода“. Овде накусо се искажани можностите на државата во областа на производството. Бидејќи државата не е организација која произведува, своите потреби ги задоволува со средства што ги добива од производствените дејности. Државата според тоа нема свои извори за да може да дава средства. Сепак, низ разни лотарии, зајмови се добива впечаток дека државата губи. Анализата покажува дека тоа не е точно. Државата додуша дава значајна камата за добиен заем, но средствата за тоа ги обезбедува од чистите клиенти – заемодаватели преку разни видови даноци, такси, други методи и облици на финансиската политика. Крајниот резултат е неповолен за клиентот, вистина „од државна чешма – не се пие вода“.

Еве уште една поговорка поврзана за државниот механизам: „кадија те тужи, кадија те суди“. Незадоволството на народниот творец низ оваа максима се однесува на споеноста во една личност, еден орган на трите функции на власта: законодавната, извршно – управната и судската. Максимата датира од феудалните времиња кога не се прави разлика меѓу личната и институционализираната власт. Споеноста на трите функции на власта дополнета со економска моќ, е поволна клима за злоупотреба, диктатура, деспотизам, воопшто за една недемократска ситуација.

Често во употреба се јавува максимата „домашна сметка не излегува на пазар“. Според потесното толкување значењето на поговорката би се состоело во определувањето на разликата во цените на дадени вредности. Ваквото значење има два аспекти: пониски цени ако на пазарот се продава стока и повисоки цени штом на пазарот се купува. На овој начин интерпретирано поговорката се задржува на економски моменти од општествениот живот. Меѓутоа, поширокото толкување го проширува значењето и на општествено – политичките појави. Имено, домашната сметка не излегува на пазар е само друга јазична форма за појавата на расчекорот меѓу свесното и стихијното во политичките процеси.

Заклучни размислувања

Политичките науки воопшто, и одделните научни дисциплини во областа на политичките науки имаат потреба постојано да го допрецизираат својот предмет на проучување и истражување. Тоа е најмногу условено од крупните промени што се случуваат во политиката и во политичкото воопшто. Главен правец на тие промени е видоизменувањето на најважните карактеристики на политиката која од вештина на управување, од сфера на судир на интереси, од борба за власт, моќ и авторитет од експонирање и привилегии прераснува во сфера која ќе има доблести, висок професионализам, апсолутна стручност, хуманизам и хуманистичка функција. Овој пристап на додефинирање на предметот на политичките науки посебно важи за прецизирање на односот меѓу нормативното и стварното во сферата на политиката: активности, политичките институции, политичката свест, политичката историја и меѓународните односи.

Conclusive thoughts

Political sciences in general, as well as the specific disciplines in the area of political sciences, are in a constant need of defining its area of study and research. This mostly depends on the great changes that occur in politics, and affect the political body in general. The main tendency of such changes remains to be the altering of the main feature of politics, which moves on from being a managing skill characterized by conflicts of interest, battle over political power and authority, showing off, and privileges, to being a virtuous, highly professional, entirely competent, and humane segment of the society. This approach to the delineation of the subject area of Political Sciences is especially relevant when it comes to defining the relationship between the normative and the actual reality of politics: its activities, political institutions, political history, and international relations.

Литература

1. Балајџиев, Димитар (2000) *Политологија*, Правен факултет Јустинијан први, Скопје.
2. Трајковски, Ило (2005) *Политика на човекови права - прв дел*, Филозофски факултет, Скопје.
3. Nohlen, D. (1992). *Izborno pravo i stranački sustav*. Zagreb: Školska knjiga.
4. Sartori, Giovanni (2002). *Stranke i stranački sustavi*. Zagreb: Politika kultura.
5. Politička kultura.
6. Beyme, K.V. (2002). *Transformacija političkih stranaka*. Zagreb: Fakultet političkih znanosti.
7. McNair, Brian (2003). *Uvod u politicku komunikaciju*, Fakultet politickih znanosti, Zagreb.
8. Street, John (2003). *Masovni mediji, politika i demokracija*, Fakultet politickih znanosti, Zagreb.
9. Meyer, Thomas (2003). *Mediokracija, medijska kolonizacija politike*, Fakultet politickih znanosti, Zagreb.
10. Chomsky, Naom (2002). *Mediji, propaganda i sistem*, Cvorak, Zagreb.
11. Chomsky, Naom (2004). *Politika bez moci* DAF, Zagreb .
12. Група автори (1978) *Политичка социологија*, Радничка Штампа, Белград.
13. Гоати, Владимир (1979) *Политичка социологија*, Младост, Белград.

821.14`02-343

Доц. д-р **Луси КАРАНИКОЛОВА**

МИТОТ ЗА АХИЛ ИЛИ ФЕНОМЕНОТ НА ИСКЛУЧИТЕЛНОТО ХЕРОЈСТВО

Апстракт

Оваа статија прави обид да го претстави „феноменот Ахил“ како синоним на исклучително херојство.

Двојната природа на митскиот великан-човековата и божествената, се посматра од две стојалишта: во контекстот на иманентниот митски и Хомеровски амбиент, како и од перспектива на современата политичка стварност.

„Феноменот Ахил“ покажува присуство на висока доза на индивидуализам, а според тоа и склоност кон политичката (па и економската) идеологија на либерализмот.

Тенденцијата на трудот е да се валоризира универзалниот квалитет на митскиот херој, кој, не толку полека, но сигурно, прераснува во „херој на нашето време“.

Клучни зборови: *„феноменот Ахил“, индивидуализам, колективен дух, либерализам, конзервативизам, социјализам.*

Пристап

Полубогот Ахил е еден од најкомплексните, најконтроверзните и најславни ликови во грчката митологија. Митот за Ахил припаѓа на циклусот митови за Троја.[1]

Полубожествената природа на најголемиот јунак во Тројанската војна го прави Ахила феномен. Имено, како дете на смртен татко и мајка-богинка, тој е „осуден“ целиот свој краток и славен живот да се соочува во човековото и божественото во себе. Моќен како бог, а сепак смртен во петата. Бескрајно храбар воин, а нежен и чувствителен љубовник. Ревносен борец, а верен пријател.

„Исклучителното херојство“ на Ахил, барем онака како што е запаметен според античката грчка традиција и од Хомеровата „Илијада“ е особено манифестантно во борбените настани околу Троја, непосредно пред убиството на Хектор.

„Феноменот Ахил“

Во „Илијадата“ на Хомер, Ахил како лик добива исклучителна вредност. Почетокот на епот го нотира „гневот на синот на Пелеј“, кому, иако најзаслужен ахајски воин, му е нанесена голема неправда: врховниот војсководач Агамемнон му ја одзема омилената робинка -Брисеида. И не ќе беше овој чин толку неприличен, само ако не му се случеше токму на Ахил. Гневот на воинот е лајт-мотив во Хомеровата „Илијада“ и иницијална каписла за разоткривање на „феноменот Ахил“. Епопејата нема да заврши сè дотогаш додека тој гнев не се неутрализира. Прва трансформација на факторот-гнев е Ахиловата рамнодушност што резултира со апстиненција од битките. Тоа пак, придонесува за напредување на Тројанците, а загуби за Ахајците. Рамнодушноста ќе добие нов облик и квалитет, доживувајќи втора преобразба во омраза на Ахил кон бескрупулозниот Агамемнон, наспроти настојувањата на ахајските воини да го предомислат него и да го одоброволат Ахил да се врати на бојното поле. Омразата пак, преминува во потреба за одмазда тогаш кога ќе биде убиен Патрокло, најдобриот пријател на Ахил. По таков начин, гневот ја доживува третата трансформација. Ахил се одмаздува така што излегува на двобој со Хектор и, откако ќе го убие, прави еден, исклучително нехуман чин-со својата двоколка, го влече мртвото тело на Хектор околу ѕидините на Троја.

Од техничка гледна точка, Ахиловиот гнев е веќе „испразнет“, така што раскажувањето може да заврши. Тоа и се случува. Покајувањето на Агамемнон веќе нема никаков ефект по однос на натамошното однесување на Ахил и нарацијата воопшто. Сличен, декоративен придонес има и „додадената“, но едновремено и исклучително значајна епизода од грчката народна традиција- опширниот опис на погребот на Хектор.

Првото прашање кое заслужува одговор е-зошто Агамемнон не смеел да го навреди, или можеби подобро, зошто Агамемнон, при сè што бил прв човек на Ахајците, требал да внимава и во секоја прилика да го удостојува Ахила? Затоа што од херојството на Ахил зависел исходот од битките на Ахајците со Тројанците, но и затоа што Агамемнон, освен што бил мудар, требал да биде и практичен. Она што современиот граѓанин треба да го има предвид е дека, станува збор за „епски времиња“, за робовладетелско општество кога се почитува високиот човечки и патриотски морал, кога машкоста, воинственоста, хероизмот и особено суетата се од примарно

значење. Втората пак дилема која што се наметнува е-дали гневот на Ахил е оправдан, особено знаејќи дека неговата натамошна апстиненција од битките придонесува за непроценливи загуби за таборот на Ахајците? Одговорот треба да ја потврди тезата за „феноменот Ахил".

Ахил е полубог, па самиот тој факт го дистанцира од обичните смртници и, што е мошне значајно, го прави колку близок толку и далечен од боговите. Декларативно, тој е смртен само во петата, но во суштина, сепак е смртен. Тоа пак, подразбира дека ги поседува сите човекови доблести и слабости: умее да љуби, да биде пријател, да биде суров и немилосрден... „Човековоста" го прави Ахил слаб, а слабоста, полубогот ниту сака ниту пак, смее да ја признае и, уште помалку, да ја манифестира. Сопствената слабост Ахил перманентно ја „задушува", ја потиснува во себе. Од една рационална гледна точка, таквата психолошка состојба не е здрава и човек тешко може да „се носи" со неа. Но, Ахил тоа го прави до крај! „Боговското" на Ахил доаѓа до израз во неговиот исклучителен хероизам. Во таа смисла, му нема рамен.

Судирот на човековото и боговското е „феноменот Ахил", par exellence. Тој достоинствено го „живее" тој вечен немир, таа расчерченост меѓу бесконечната моќ и бесконечната немоќ, обидувајќи се и, веројатно, успевајќи-сопствената ментална терезија секогаш да ја одржува во хоризонтална положба. Но, за тоа треба исклучителен напор и вештина. Ахил останува доследен на својата полубожествена природа.

Објективниот оптикум по однос на „феноменот Ахил" ни дава за право да констатираме дека личност од таков калибар во реалноста не може да постои. Ахил е исклучиво и исклучително фиктивно, литерарно, т.е. митско суштество, така што само од таа перспектива посматран, обичниот читател и човек би можел да го сфати и не само да му се восхитува, туку и да му прости. Да му прости можеби и за страшниот чин на сквернавење на мртвото тело Хекторово.

Универзалната димензија на митот за Ахил лежи во сознанието дека, секој еден може едновремено да се чувствува и неприкосновено моќен и бескрајно немоќен, и бог и човек. Веројатно тоа е она што нè прави луѓе, зашто човекот го измисли богот за да ја оправда својата несовршеност.

Ахил vis a vis Хектор

Несомнено, Ахил немаше да биде толку маркантна митска фигура ако циклусот митови за Троја не го „произведеше" и Хектор. Двајцата колоси на античката митска култура и Хомерови миленици се податни за компаративна анализа од неколку аспекти: како војсководци, како засебни индивидуалности, како партиципиенти на колективот.

Третманот на Ахил и Хектор како војсководци дозволува речиси синхронизиран пристап. Потенцираме-речиси. И двајцата се храбри, но храброста на Ахил се граничи со хероизам. Заправо, Ахил покажува безграничен хероизам. Потсетуваме-тој е сепак, полубог! И Ахил и Хектор се достоинствени. Првиот, до крај го чува личниот интегритет, вториот води сметка колку за себе, толку повеќе за своите поданици-Тројанци. И Ахил е честољубив и Хектор е честољубив, исто така. Ахил е склон да ја сочува сопствената чест, зашто како полубог и со репутација на најхрабар воин, не ни може да постапува поинаку. Хектор се грижи за личната чест, по таков начин што таа е силно поврзана со честа на неговата родна Троја. Имено, кога треба да замине на неизбежниот двобој со Ахил, Хектор се разоткрива и преку своето силно изразено чувство за реалност: тој е свесен дека ќе го изгуби животот; знае дека и Троја ќе падне, но должноста го повикува да го стори тоа, пред сè во името на честа на Троја. Овој настан пак, Ахил го предизвикува исклучително од лични побуди.

Второто ниво на споредба е индивидуалноста, односно персоналноста. Од естетска гледна точка, и митот и Хомеровата „Илијада“, но особено епопејата ги краси впечатлива наративна техника кога станува збор за претставувањето на митските карактери. Секој лик е засебна приказна, а такви се дури и боговите-сосема индивидуализирани, со свои интереси, типичен начин на однесување, на размислување, на војување. Индивидуалноста како белег се истакнува како посебен квалитет на Хомеровата поетика.

Ахиловата персоналност подразбира: суетност, егоизам, претпоставување на личното пред општото и колективното. Ахил е „суштество само за себе“. Тој можеби си дозволува да покаже слабост единствено пред својата мајка, но станува збор не за слабост во буквална смисла, туку само за потреба од разговор, советување, консултација. И повторно, ќе постапи така како што тој сака. Ахил е нежен љубовник, но не е создаден да живее во пар, „да тихува во двојка“. Ахил е прекрасен пријател, но секогаш е над него, над пријателот. Неговата доминантна фигура го прави другиот покорен, послушен. Тој е толку насочен кон себеси што како читатели сме силно, но пријатно изненадени кога без противење ќе го предаде мртвото тело на Хектор на неговиот татко Пријам и ќе прогласи повеќедневно примирје. Дали можеби по таков начин Ахил не им дава примат, макар и за миг, на своите човечки корени? Зарем во тој момент не сме очевидци на перманентниот процес на колебање меѓу човекот и богот во него? Најпосле, концептот на митскиот и Хомеров лик на Ахил допушта висока индивидуалност, до таа степен што и неговата суетност и себичност се чинат мотивирани и оправдани. „Феноменот Ахил“ е впрочем „најагресивниот“ ентитет во оваа приказна.

И Хектор има своја индивидуалност. За разлика од Ахил, кој во оваа смисла е издигнат на пиедестал, Хектор се стопува со масата други јунаци. Неговата индивидуализираност е повеќе резултат на постапката на создавање мит, односно на Хомеровото поетско мајсторство-секој лик да биде типичен,

отколку што неговите засебни особини се макар и блиску до оние на Ахил. Хектор е пред сè тројански принц; тој е нежен сопруг и грижлив татко, кој едновремено општото и колективното го претпоставува над личното и индивидуалното. По ова тој е различен од другите митски херои, според ова е тој единствен и индивидуализиран, но со ова е и сосема поинаков од Ахила. Очигледно е дека создавачите на митот, а Хомер сигурно, воделе сметка по однос на Ахил да постават лик што барем приближно ќе може „да се носи“ со него, за да постои рамнотежа во раскажувањето, за да има плус и минус, за читателите да се двоумат на чија страна да застанат, за да има напнатост и исчекување во приказната.

По однос на квалификацијата припадност кон колективот, секако дека Хектор предничи пред Ахил. Имено, Хектор е родум од Троја, неговите родители се крал и кралица на градот, се родил и израснал во заедница-семејна, но и поширока. Одгледан е во херојски дух, како Тројанец кој треба да ја штити татковината, но и да биде закрилник на своите жена и дете. Сепак, патриотскиот дух кај него е над сè. Оттука и оправданоста на неговото заминување во двобој, кога однапред знае дека заминува во смрт. Оттука и разбирливоста на неговото однесување-заедничкото да биде секогаш пред личното.

Кога се во прашање смислата за колективен дух и чувството за заедништво, митот и Хомеровата епопеја нив не му ги ускратуваат ниту на Ахил. Сепак, не му ги даруваат во онаа мера и по таков начин како што тоа е случај со Хектор. Ахил има родители, но и по овој белег тој е уникатен, ако ништо друго поинаков од Хектор: мајка му е богинка, а татко му смртник. Тој и не растел во примарното семејство, туку со солидни старатели.[2] Бил одгледуван така што се негувала неговата храброст и воднички вештини, што ќе рече дека, тој, уште од мали нозе е првенствено свртен кон самиот себе. Во Тројанската војна Ахил влегува како крал и водач на Мирмидонците, војската на неговиот татко и како таков е дел од поширокатa ахајска војска. Но, иако не е бескрупулозно себичен, тој останува самотник и индивидуалец до крај. Впрочем, сите негови постапки и подвизи се во насока на себедокажување и потврдување на исклучителната храброст.

Споредбата на двата митски хероја според овие параметри уште еднаш го потврдува „феноменот Ахил“.

Ахил и Хектор-политичка димензија (=политички мит)

Еден од основните белези на митот како културолошки продукт е натприродноста. Митот е по природа есхалогизиран, зашто неговата цел е футуристичка проекција за човекот и светот. Основната содржина на митот се богот /боговите и човекот.[3]

Политичкиот мит не му припишува улога и значење на натприродното, затоа што неговата духовна содржина е човекот. Една од суштинските одлики на категоријата политички мит е-претворањето на фактите во вредност и тоа по таков начин што, идејата која добива значајна смисла прераснува во факт. Во таа смисла, митот би престанал да биде само приказна што се раскажува, туку ќе стане начин на размислување, но и стварност која се живее и доживува.

Посматран во контекстот на своето време, митот за Ахил е токму мит во класична смисла: тука паралелно опстојуваат два света-човековиот и божественият. Исходот на случувањата во Тројанската војна најмногу зависи од волјата на боговите, кои се поделени во два табора: едни се поддржувачи на Ахајците, други на Тројанците. Дури и животот на Ахил завршува според волјата на богот Аполон, кој дејствува преку Парис, за овој смртно да го погоди Ахила во петата. Факторот натприродност овде многупати доаѓа до израз. Дури и исклучителното херојство на Ахил може да се третира како натприродно, или во најмала рака невообичаено.

Надвор од своето време, Ахил и митот за Ахил се подведуваат на параметрите кои современата политикологија ги дефинира како политички мит. Кога денес Ахил би бил жив, под претпоставка дека би ги имал истите атрибути, без полубожествената природа, се разбира, тогаш тој веројатно би пливал како „риба во вода". Имено, неговиот индивидуализам, неговата склоност да му дава повеќе важност на персоналното за сметка на колективното е, тоа е познато, одлика на политичката па и економската идеологија на либерализмот, која ги нагласува правата и слободите на единката и потребата за ограничување на овластувањата на власта.[4] Според тоа, може да се пофалиме дека светот во кој живееме има многу „современи Ахил-и".

И Хектор има своја политичка димензија. И тој нуди квалификации кои се стекнале со трајна вредност. Имено, третманот на овој лик во митот и Хомеровата „Илијада" дозволува него да го најдеме некаде на средина меѓу концептот за конзервативизмот и социјализмот. Хектор е склон кон негување на традиционалните вредности, зашто тие за него се манифестација на континуитет и стабилност. Затоа, тој силно го почитува својот татко, се спротивставува на раскалашеноста на помладиот брат Парис, ја почитува својата жена, го сака својот син. Во однесувањето на Хектор и преку него, доаѓаат до израз и постулатите на социјализмот, барем во неговиот основен вид. Имено, за Хектор тоа што е тројанско не е само негово, само затоа што тој е член на кралското семејство, туку Троја е на Тројанците. Кога се грижи за својот живот, тој повеќе е загрижен за судбината на своите сонародници.

Ахил или Хектор

Посматран како фиктивно, книжевно суштество, Ахил е неприкосновен. И бескрајно провокативен.[5] Нему никој не му е достоен и тој може и натаму за многумина да остане еден од најомилените митски ликови. Таков е Ахил зашто е полубог, зашто е феномен. Кој би го посакал Ахил денес? Ќе се најдат и такви, меѓутоа многумина најверојатно би се определиле, барем интимно за Хектор. Тој е конзервативец и можеби донекаде социјалист и како таков би бил навистина анахрон јунак во нашата капиталистичка денешница. Но, неговите хумани и хуманистички белези имаат епохална, трајна вредност, иако во нашето секојдневие не многу се практикуваат.

Во секој случај, ќе нѐ има такви кои со носталгија ќе тагуваме по Хектор, но веројатно и многумина кои во современиот Ахил би го препознале „херојот на нашето време“.

THE MYTH OF ACHILES OR THE PHENOMENON OF THE INCREDABLE HEROISM

Summary

This article makes an attempt to present the "Achilles 'phenomenon' as a synonym of exceptional heroism. Dual nature of the mythical giant, human and divine, is viewed from two points of view: in the context of the immanent mythical and Homer's ambience, as well as from the perspective of contemporary political reality."The phenomenon Achilles' indicates the presence of a high dose of individualism, and therefore a tendency towards political (and economic) ideology of liberalism.The tendency of the work is to evaluate the universal quality of the mythic hero, who, not so slowly, but surely have been turning into a "hero of our time."

Key words: Achilles phenomenon, individualism, collective spirit, liberalism, conservatism, socialism.

Литература

1. Британика Енциклопедиски Речник, *Топер МПМ,* Скопје, 2005.
2. Vojtech Zamarovsky: *Junaci antičkih mitova, Školska knjiga,* Zagreb, 1989.

www.svevesti.com

[1] Според митот, Ахил бил син на фтијскиот крал Пелеј и морската богинка Тетида. Судбината му подарила изобилство доблести, но му ја ускратила единствено среќата. Се родил во брак кој на неговата мајка ѝ бил наметнат, зашто имено, Тетида требала да се омажи за Зевс. Но, кога Зевс од Прометеј дознал за пророштвото дека синот на Тетида ќе го надмине во храброста својот татко, тој, во своја корист ја омажил Тетида за смртен човек. Кога Ахил се родил, Тетида, според преданието, го челичела така што го потопила во Стикс, реката на подземниот свет, држејќи го за петата. Благодарение на тоа, телото на Ахил било покриено од невидлив оклоп, а само петата му останала ранлива. Според друго предание, Тетида го калела Ахил така што му го премачкувала телото со амброзија (правејќи го по таков начин речиси бесмртен) и го ставала во оган. Кога во една прилика Пелеј ја затекнал Тетида како го држи Ахила во оган, посегнал по мечот за да ја усмрти, но таа се засолнила во морските длабочини. После овој настан, Тетида веќе не му се вратила на Пелеј, а Ахил бил доверен на грижливи старатели. Тој, веќе на десетгодишна возраст се одликувал со својата храброст и брзина. До полнолетството научил сè што било потребно за еден јунак да преживее: да се однесува како маж, да ракува со оружје, да гледа рани, да свири на лира и да пее.

Тетида знаела за пророштвото дека, нејзиниот син ќе биде ставен пред избор: долг живот без слава или краток и славен живот на јунакот. Иако му посакувала слава, како мајка, секако, му давала предност на животот. Кога ахајските кралеви почнале да се подготвуваат за војна против Троја, Тетида го засолнила Ахил на островот Скира, кај кралот Ликомед, каде што преоблечен во женски фустани, живеел меѓу ќерките на кралот. Со помош на пророкот Калхант, кралот Агамемнон дознал за скровиштето на Ахил и ги испратил по него Одисеј, кралот на Итака и Диомед, кралот на Агрејците. Двајцата, проблечени како трговци, распослале стока пред ќерките на кралот, така што меѓу скапоцените ткаенини и накит, божем случајно оставиле и еден меч. Кога на договореният знак пред палатата се зачул воен знак од нивните другари и sвекот на оружје, сите девојки се разбегале од страв, но една рака го зграбила мечот. По таков начин Ахил се открил и без долги убедувања се согласил да ѝ се придружи на ахајската војска. На чело на Мирмидонците, војската на неговиот веќе стар татко, Ахил пристигнал пред sидините на Троја и за девет години војување успеал да освои дваесет и три града од околината. Од неговиот татко наследил воена облека, копје и штит. Самата негова појава предизвикувала страв во редовите на Тројанците. Ахајската војска и сите нејзини војсководци го почитувала како најхрабар и најуспешен војник. Исклучок бил врховниот заповедник-Агамемнон. Настанот што најмногу ќе го прослави Ахил се случува во десеттата година од Тројанската војна. Имено, Агамемнон ќе му ја одземе на Ахил неговата омилена робинка Брисеида, заради што Ахил одбива да учествува во натамошните битки против Тројанците. Ефектот од апстиненцијата на Ахил на бојното поле се огромните човечки и материјални загуби за Ахајците. Ахил барал враќање на робинката и извинување од Агамемнон. Муѓутоа, по смртта на неговиот најдобар другар Патрокло (Патрокло, облечен во воената облека на Ахил ќе биде убиен од Хектор, на бојното поле), гневот на Ахил кон Агамемнон се претвора во омраза и потреба за одмазда спрема Тројанците. Откако Хефест, богот на оружјето, ќе му искова нов оклоп за само една ноќ, Ахил заминува кон Троја. Пред sидините на градот, тој го повикува Хектора на двобој. Хектор, во името на патриотизмот, излегува на двобој, иако знае дека ќе загине. Откако ќе го убие, Ахил го влече со својата двоколка мртвото тело на Хектор околу sидините на Троја. По таков начин се случува психолошка неутрализација на првобитно акумулираниот гнев, зашто имено, Ахил не ќе можел да биде мирен ако не го испразнел гневот. После овој исклучителен настан во грчката митологија воопшто, Ахил го отстапува мртвото тело на Хектор на неговиот татко Пријам, кралот на Троја, така што Хектор е погребан со сите почести достојни за голем јунак, а Ахајците неколку дена биле во примирје со Тројанците. Но, на Ахил не му било судено да го доживее падот на Троја, така што и самиот гине, набрзо по смртта на Хектор. Ја победил и убил и кралицата на Амазонките, Пентезилеја, која ѝ притекнала на помош на Троја, како и Мемнон од Етиопија, новиот врховен заповедник на тројанската војска. Кога после неговата смрт Ахил влегол во Троја, на пат му застанал самиот Аполон (кој во Тројанската војна бил

еден од боговите заштитници на Троја). Ахил ќе го навреди Аполон барајќи од него да му се тргне од патот. Аполон ќе побара од Парис, помалиот син на Пријам и брат на Хектор да ги напне лакот и стрелата кон Ахиловата пета, неговото единствено смртно место. Смртоносниот крик на полубогот ја надвикало бојната врева. Во мигот на смртта, тој, со страшна клетва ги проколнал Аполон и Троја. За мртвото тело на Ахил се разгорела страшна битка. Најпосле, Ахајците успеале да го одземат од тројански раце и свечено да го погребаат на висока клада, која дошол да ја запали самиот бог Хефест. Потоа неговата пепел ја измешале со пепелта од телото на Патрокло и над нивниот гроб подигнале висока могила од глина, за насекоде по светот да се објавува славата на двајцата јунаци. Види: Vojtech Zamarovsky: *Ahil, Junaci antičkih mitova, Školska knjiga,* Zagreb, 1989 godina, str.10,11,12.

[2] Дури имал прилика, во одреден период, кога неговата мајка, богинката Тетида сакала да го поштеди од учеството во Тројанската војна, да живее засолнат во кралството на Ликомед, преоблечен во женски фустани, заедно со неговите ќерки. Овој момент од Ахиловата митска биографија некои теоретичари и антрополози го толкуваат како зародиш на неговта евентуална хомосексуалност, која во еден поизразен вид, иако сè уште имплицитна, се манифестира во миговите на негова разјареност по смртта на Патрокло. Можеби е во прашање само потисната машкост, што значи и своевидно оправдување на идната негова постојана потреба неа да ја докажува преку хероизмот.

[3] www.svevesti.com

[4] Британика Енциклопедиски Речник, *Топер, МПМ,* Скопје, 2005 год., Книга 5, стр.51 и 159 и Книга 9, стр.64.

[5] Пролетта, 2004-та година, светот имаше можност да го гледа исклучителното кинематографско остварување, епскиот спектакл „Троја“, во продукција на Warner Bros. Pictures. Ликот на Ахил беше толкуван од еден од сè уште најпопуларните холивудски актери, Бред Пит. Имено, и според искажувањата на самиот актер, во процесот на подготовката на улогата морал да помине подолг период на изолација за да може доволно добро да се „сроди“ со Ахиловиот лик. Тоа, Бред Пит го направи, според наши видувања извонредно добро.

304-027.511 : 316.776.3

Доц. д-р **Викторија КАФЕЏИСКА**

ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И МЕДИУМСКИТЕ ТЕХНОЛОГИИ

Апстракт

Благодарение на глобалната економија, телевизијата, глобалните комуникации, во големите градови, знаците на глобалната култура се насекаде. Таа станува колективен модел на живот и не е тешко да се види, дека во ваквите констатации се наоѓа темелот на новиот современ облик на колонијализам, а тоа е културниот империјализам. Меѓутоа, како се глобализираа економијата и комуникациските мрежи, информациските можности овозможија постепено влегување во новиот свет на глобалната култура. Медиумските технологии доведоа до интернационализација на јавноста, која во почетокот на 20 век беа повеќе исклучок, отколку правило, затоа информацискоото општество ќе стане клучно за иднината на Европската унија и воопшто за меѓународната јавност, а начинот на примена на новите интерактивни апликации драстично ќе го смени начинот на комуницирање.

Клучни зборови: *глобализација, медиуми, технологија*

„Процесот на глобализација мора да се согледа
како комплексна интеракција на економската
и културната динамика, во која има и конфронтирање,
и натпреварување, и негирање.
Според тоа ГЛОБАЛНАТА ИДНИНА несомнено ќе ни донесе многу изненадувања“ -

д-р Кевин Робинс

Еволуцијата на општествениот развиток, одење од еден период во друг, во нов, секогаш е своевидна надградба на претходниот, а тоа носи промени, прогрес, модернизирање, но и потреси. Низ историските периоди, само се потврдува оваа констатација, кога на еден општествен поредок, се надоврзувал друг. Така, еве не сега соочени, со процесите

на глобализација, која не можеше да ги одмине ниту медиумите, креирајќи еден глобален свет, или потврдувајќи ја визијата на Маршал Мек Луан, за светот како едно глобално село. Воведувајќи го овој термин во својата култна книга, Војна и мир во глобалното село, Мек Луан, најверојатно и во своите најхрабри визии веројатно, не можеше да претпостави, дека токму со глобализацијата на медиумите, светот ќе стане едно големо електронско село. Денеска информациските автопати кои ги поврзуваат бизнисите, институциите и индивидуите се невидливи за голо око, но се достапни за теле-информациските специјалисти и софистицираните бизниси, за образованите луѓе низ широките мрежи и компјутери. Широката публика не е свесна за нив (Targowski, 1991) .

Оттука, глобализацијата може да се подразбере како движење преку реални, но и замислени граници, на стока, услуги и луѓе. Денеска доволно е да прошетаме по улиците на нашиот главен град, па веднаш ќе ги забележиме глобалните синџири од типот на Мек Доналд, Левис, Сони... Дури и во нашите маалски дуќани можеме да купиме егзотични овошја и зеленчуци. Во ресторaните може да се избира меѓу различни кујни, италијански, мексикански, кинески... Облеката ни е од Турција, чевлите од Италија, автомобилите од Германија, Кореа... а модерните медиумски технологии не преселуваат во различни делови од светот. Технолошките промени го трансформираат аудиовизуелниот, телекомуникацискиот и информатичкиот систем во т. н информатичка автострада, која овозможува неограничен проток на информации и голема просечна моќ на диструбуција на информации преку мрежата, со што се избришани разликите меѓу видеотелекомуникациските сервиси и интерактивните електронски медиуми. Оваа конвергенција радикално влијае врз промената на карактерот на електронските медиуми и нивната функционалност. Со помош на новите комуникациски можности на различни подрачја, како на пример, во образованието, науката, истражувањето, здравставото, ќе се остваруваат и покомплексни цели (Јакимовски, 2003).

Така, електронското глобално село, сега егзистира во информацискатa структура, која според Вилјам Гибсон, го конструира кибер просторот, кој пак е територија направена од технологија, што е подложна на пермутација. Патиштата во електронското глобално се електронски автопати и компјутерските хакери, еден ден, би можеле да бидат запаметени, според Гибсон, како компјутерски луѓе, кои бараат надминување на националните и локалните нееднаквости (со сета внимателност кон хакерските прекршоци кои во САД се сметаат за терористички чин, а во Велика Британија се престап кој се казнува со затворска казна). Целите на западната информациска граница водат

кон поголема продуктивност, подолго употребливо знаење, производи и услуги по ниски цени и кон подобар начин на живот.

Поради сето ова, помалку развиените земји, за да опстанат на новата електронска граница, ќе треба да научат како да го употребат новото оружје. Хамлетовската дилема да се биде или не, односно да се гради или не, треба несомнено да биде разрешена со едноставен одговор - да се гради, зашто за секоја земја неодложна задача е изградбата на сопствен дел од т.н. електронско глобално село.

За разјаснување на процесот на глобализацијата во медиумите, неспорно е дека треба да се елаборираат кибер просторот и виртуелната реалност, за да дојдеме до суштината за тоа, што е кибер ерата, или времето во кое ние живееме. Кибер просторот, според Вилјам Гибсон, е општоусогласена халуцинација. Има заедничка визија на иднината, што ќе биде различна од сегашноста, за простор и реалност, што е повеќе посакуван од сегашноста што не опкружува(Robins, 1995). Може да се помисли дека кибер просторот е утописка визија на постмодерните времиња, но сепак тој е проектиран, како еден вид некаде- никаде, како заедница која нема локација.

Виртуелната реалност, пак, Бари Шерман и Фил Џадкинс, ја опишуваат како вистинска технологија на чуда и соништа, па затоа тие и тврдат дека таа е надеж за следниот век. Оние кои ја пропагираат виртуелната реалност, сакаат да не убедат дека таа е алтернативна реалност и подобро е, да мигрираме на таа подобра земја, зашто во светот во кој живееме, факт е, дека не можеме да правиме што сакаме. Сепак, ако подпаднеме под влијанието на трескавичната пропаганда на следбениците на виртуелната реалност и на гуруата на кибер просторот, дека вистински можеме да излеземе од реалниот свет со сите негови несовршености и среќно да мигрираме во кибер просторот, трансцедирајќи ги сите разочарувања и фрустрации, ќе поверуваме во утопија и наскоро ќе видиме дека се уште сме во реалниот свет, кој е поделен и нерамноправен. Бидејќи нема начин да се спречи пристигнувањето на иднината, наскоро ќе се шетаме низ моделите на виртуелната реалност, оттелотворени во архитектонските планови на нашите идни домови и работни места и ќе користиме кибер пари за да купиме облека. На овој начин ќе го артикулираме нашиот сопствен идентитет преку сликата за нас, а не преку реалноста, нурнати во новата средина, во интеракција со виртуелниот свет. Прашањето што останува е, дали ќе имаме среќа, да живееме во виртуелното општество, онака како што го опишува Пол Вирилио, кој ни предочува две паралелни општества - виртуелно и реално (Колар-Панова, 1996).

Многу од концептите за информациското општество ги дефинира Даниел Бел, во неговатакнига Доаѓањето на постиндустриското општество, којмодерните индустриски земји ги гледа во три етапи:

1. Преиндустрионализам, или економија базирана, на искористување на природата - копање, риболов, земјоделство
2. Индустријализам, кој се базира на производство на добра
3. Постиндустријализам, кој е економија на примена на нови знаења, економија на образован работник

Затоа, беловиот концепт за информациско општество има неколку димензии:

а) зголемување на бројот и влијанието на класите на професионални и технички работници

б) тоа е организирано околку знаењето, оттаму иновациите ја определуваат националната интелектуална технологија

ц) истражувањата и развојот на науката, технологијата и економијата се клучот на информатичкото општество, зашто знаењето е стратегиски ресурс

д) критичка цел е менаџментот

е) фази во развојот на методите на интелектуалната технологија, како примарен инструмент, зашто тоа е можност да се оперира со апликација на теоретското знаење

Мануел Кастелс вели: Под глобална економија подразбираме економија што оперира како единица во реално време на планетарно ниво. Тоа е економија во која капиталот е во проток, пазарите на работна сила, пазарите на стока, информациите, суровините, менаџментот се интернационализирани и целосно меѓузависни ширум нашата планета.

Најважниот фактор во транснационалната организација на постиндустриската економија е развојот на информациските и комуникациски технологии кои се интегрираат во глобалната инфраструктура. Се поголемата важност на електронските комуникации и трансакции го поттикнуваа создавањето на информациски автопати во развиените земји на светот и се претпоставува дека тие ќе ги надминат бариерите на времето и далечината. Глобалниот бизнис веќе не функционира исклучиво во националните и државните граници, зашто ги пробива, а владите стануваат немоќни да ги контролираат нивните активности. Кеничми Охме вели: оваа безобзирна нова светска економија ги отфрла старите државни структури; таа е приватна, динамична и општо

земено, му се спротивставува на секое мешање од страна на владата. Глобализацијата воедно, подразбира нов глобално - локален нексус, пришто се создаваат нови и сложени односи меѓу глобалните и локалните простори. Во стратегиите на глобалните бизниси, локалното може да соодветствува на регионална, национална или дури мултинационална сфера на дејности (на пример Европска Унија). Глобалните корпорации во светската арена се натпреваруваат во квалитет, ефикасност, ширина на асортиман, добро познавање на пазарот, за да дејствуваат на сите пазари истовремено, а не едноподруго како порано. Оттаму и стремежите на специјалистите за реклама и маркетинг се пофлексибилни и го прифаќаат компромисот со локалните и глобалните елементи.

Благодарение на глобалната економија, телевизијата, глобалните комуникации, во големите градови, знаците на глобалната култура се насекаде. Таа станува колективен модел на живот и не е тешко да се види, дека во ваквите констатации се наоѓа темелот на новиот современ облик на колонијализам, а тоа е културниот империјализам. Така, како се глобализира економијата, комуникациските мрежи и информациските можности постепено влегуваме во новиот свет на глобалната култура. За Ападуири, постојат пет димензии на глобалната култура, а тоа се т.н.:

1. Етнобегалци - произведени од протокот на туристи, емигранти, бегалци, азиланти и гости работници
2. Технобегалци - проток на машинерии, направени од мултинационални инационални корпорации
3. Финансови бегалци - направени од растечкиот проток на пари на конкурентскиот пазар и берзански трансакции
4. Медиумски бегалци - листа на замисли и информации, проток кој е направен со производство и дистрибуција на весници, магазини, телевизиски програми, филм и други видови на глобални комуникациски можности
5. Идеобегалци - поврзани со протокот на идеи, кои се асоцирани со државните подвижни идеологии во согласност со западниот поглед на свет, демократија, слобода и права

Можностите за споделување со светските културни симболи, ги носат со себе идеалите на космополитизмот. Културните средби на народите создаваат нови и продуктивни видови на културна фузија и културни хибриди. Разбирливо, некои на ваквите процеси гледаат како на развој на космополитска култура, додека за други тоа е процес на

културна хомогенизација, што води кон поткопување на националните специфичности, а со тоа и на националните идентитети.

Една многу значајна димензија на глобалните културни промени е онаа што се стреми кон уривање на границите и поделбите меѓу различните култури. Втората димензија на културната и медиумска глобализација, е онаа која поттикнува средби и интеракции меѓу различните култури, односно мешање на културните елементи. Затоа, Салман Ружди ќе рече... трансформацијата што настанува од нови и неочекувани комбинации на човечки суштества, култури, политики, идеи, песни... тоа е вистинска турлитава: малку од ова, малку од она, ете така се раѓа новото во светот... Третата димензија на културната глобализација се однесува на развој на настани во кои се работи за одбивање или непризнавање на турболентните промени што произлагуваат од глобалната интеграција, односно свртување кон она што се смета за традиционална и суштинска лојалност, или се забележува оживување на чувствата за национална, регионална, етничка и територијална припадност. Вака, повторно заживеаните нации си го бараат своето место под сонцето, во новиот глобален свет.

Контрадикторниот однос, кон културната глобализација, особено е видлив во верските прашања. Иако во хиндуизмот, јудаизмот и христијанството се забележуваа враќање, кон фундаментализмот, исламскиот фундаментализам, е оној кој, најмногу се спротивставува на глобализацијата. Затоа, некои исламски земји не прифаќаат сателитски програми, на тој начин манифестирајќи го отпорот кон глобалното информирање. Во основа, станува збор за неприфаќање на западните вредности и цивилизации. Оттука, некои теоретичари сметаат дека, некоја универзална култура, можеби е патоказ за новите основи врз кои може да се мисли за односот меѓу културната конвергенција и културните разлики. Во овој процес значајно место завземаат медиумските индустрии.

Во 80-тите години на минатиот век, како последица на законските, економските и технолошките промени, во медиумските индустрии дојде до драматични промени, кои многумина тогаш ги нарекуваа, дури и нов медиумски поредок. Медиумските корпорации, денес, слободно ги следат законите на пазарот, поттикнувани од профитот и од конкуренцијата, зашто имаат единствена цел, да го достават својот производ до што е можно поголем број потрошувачи. Оваа тенденција овозможува проширување на медиумските простори и пазари. Старите национални граници, денес претставуваат произволни и ирационални пречки на медиумските корпорации во реорганизацијата на деловната стратегија, што се состои во слободна и непречена

циркулација на програми - телевизија без граници. Тоа подразбира идеал за создавање на глобално програмирање и глобални пазари, што се одразува врз се поголемата моќ на глобалните корпорации идеалот да го претворат во реалност, односно да го реализираат моделот на новиот глобален медиумски поредок. Според Стивен Рос, некогашниот директорот на медиумската корпорација Worker Time, живееме во време кога ја остваруваме визијата на Мек Луан за светот како глобално село. Рос тврди, дека со новите технологии, најзафрлените катчиња на светот стануваат дел од меѓународната заедница.

Имајќи ги предвид овие тенденции, во 1989 година, како резултат на проектот за Digital Video Broadcasting (DVB) Европската Унија ја усвои темелната директива "Телевизија без граници". Растечката конвергенција ја наметна потребата за нова развојна стратегија[1] и нова медиумска политика. Како резултат на ова ЕУ се определи за изработка на нов Акционен план наречен "Европски пат во информациското општество" [2]

Сепак, без оглед на законските заложби, вкусовите и желбите се тие кои ќе ја овозможат вистинската и слободна отворена конкуренција (ова правило не се однесува на јавните радиодифузни ситеми, зашто тие со закон се обврзани на задолжителни видови на програма). Сите новини на технологијата и реалноста на меѓународните медиумски простори, докажуваат дека динамиката и развојот на медиумите ја диктираат пазарните сили, а не националните идентитети, што воедно претставува идеологија на глобализацијата на медиумите карактеристични за големите медиумски корпорации. Тие и од економски аспект, постојано се во некои преструктуирања, се со единствена цел, а тоа е надмоќта во медиумскиот простор.

Така уште, 1980 година, глобалната компанија за реклама и маркетинг "Сачи и Сачи" зборуваше за светска културна конвергенција и тврдејќи дека конвергенциите во демографијата, однесувањето и заедничките културни елементи, создаваат поволна клима за прифаќање на еден определен производ . Тогаш како примери, беа наведувани сериите Династија, Далас, Војна на ѕвездите, а на музички план карактеристични се MTV (Music TV), и CNN, како глобален информативен систем.

[1] Towards a Dynamic Europinan Economy, Green paper on the Development of a Common market for telecomunications services equipment, COM(87) 290, Brussels, 30.06.1987

[2] Europes Way to the Information Society: An Action Plan, COM (94) 347, 19 July 1994

Сепак, покрај ваквите стремежи за светска стандардизација, медиумите беа принудени да направат компромиси во митовите за глобализацијата. Така, CNN, сметана за идеален модел на глобална телевизија, се соочи со обвинувања, дека корпорацискиот идентитет и е премногу американски, па оттаму и нејзиниот кредибилитет како глобален извор на вести. Тоа предизвика сериозни стратегиски преиспитувања, зашто CNN одлично котираше кај светските политички елити, но на масовниот пазар, локалните закономерности беа доминантни. Оттука, беа потребни компромиси, па така CNN ги вклопи своите глобални амбиции, со локалните. Така, на сличен начин се создадоа на пр. MTV Europe, MTV Asia.

Од сево ова може да се констатира, дека тешко се балансира меѓу логиката на глобализирање и локализирање, а уште посилни се притисоците да се одговори на пазарот. Меѓутоа, процесите на глобализација силно ги мотивираа оние, кои во овие тенденции препознаа опасност за националниот идентитет, па така, во Европа се повеќе движења се обединуваат под барањето "Американците да не остават да преживееме , со сите наши културни различности".

Процесите на глобализација, особено се пресликуваат низ телевизискиот пазар, кој со новите технологии се помалку функционира како национален, туку од ден на ден станува транснационален. Меѓутоа треба да се нагласи дека, т.н феномен на планетарна публика, своите почетоци ги има уште во далечната 1962 год. кога успешно беше лансиран сателитот Телстар, кој го овозможи првиот телевизиски пренос во живо меѓу САД и Европа, па настапи времето на "новиот електронски Вавилон" со што беа укинати временските и географски разлики, па така започна процесот на доминација на "големата планетарна оптика".

Последниве години соочени сме со две тенденции во развојот на медиумите и реструктуирањето на масовната медиумска политика, од кои првата е мултициплирање на телевизиските канали, овозможено со продорот на кабелската телевизија, а втората тенденција оди во правец на поголема интерактивност. Со Интернетот, овие можности уште повеќе се зголемуваат, па така гледачот не е повеќе пасивен примач на информации, туку, напротив, сега може да учествува во изборот или дури, во креацијата на медиумскиот продукт. Се разбира дека технолошките перформанси, не се доволен предуслов, за да се оствари ова. Интернетот, како нов модерен информациски супер автопат, има за цел да ја активира пасивната публика, па од пасивен консумент да ја претвори во активна, конзумирачка публика што дури и ќе купува преку Интернет. Човештвото прераснува во една глобална заедница,

па така се наметнуваат нови форми за информирање. Новите комуникациски технологии претставуваат радикален пресврт, тие го исполнуваат идеалниот мит за комуницирањето со што сите комуникациски канали се достапни (Ithiel de Sola, 1990).

Меѓутоа на овој план, особена улога одигра радио и телевизиската дифузија. Нејзината најголема заслуга, во глобални рамки, сепак е одржувањето на различноста на културите. Така, уште пред речиси триесетина години, се забележува засилена радиодифузиска активност, во регионите кај т.н. мали народи во Европа. Во барањата за поддршка од Европската Унија за ваквите тенденции, се бара одредени телевизиски програми, на нестандардни европски јазици, критериумите за поддршка да не се засновуваат на гледаност или според процентот на населението, како ниту, врз економски параметри.

Сепак, треба да се констатира дека последниве години во силна експанзија се т.н. нови медиуми, кои користат компјутер за прикажување и дистрибуција, а не со производство. Ваквата дефиниција би била, многу ограничувачка доколку се оттргнеме, од целокупниот културолошки ефект кои овие медиуми го оставрија, зашто новите медиуми имаат за цел да ги променат досегашните културни норми и јазици. Оттука, сета оваа медиумска писменост за разбирање на новите технологии, може да се стави во функција на опредметување на менталниот живот во кој новите технологии ја имаат клучната улога (Carey, 1989). Тие го опредметуваат и објективизираат размислувањето, кое потоа може да биде зголемено и контролирано, а сето ова се базира на претпоставката за изоморфизам на менталните претстави кои се изедначуваат со компонирање на претстави и секвенции. Да го наведеме, само примерот на Џемс Камерон, кој чекаше 5 години за да се развие новата компјутерска технологија , за да го сними филмскиот мега-хит, Аватар. Меѓутоа улогата на научната фантастика, ставена во контекст на новите комуникациски технологии, е да не разбуди или да не натера да размислуваме повеќе за иднината. Фантазија или реалност, ја прифаќаме визијата за глобален свет, кој претставува моќен предизвик, но сепак ќе треба да се оствари прекин со традиционалното и националното, свет без граници, а можеби и раскол на културите (Meyrowitz, 1985).

Заклучок

Глобализацијата на културата што ја поттикнаа, новите телекомуникациски технологии, предизвика намалување на разликите меѓу економските, политичките и информациските системи посебно во развиениот свет, затоа начинот на кој едно лице ќе го доживее светот на глобализацијата ќе биде одраз на неговата економска, општетсвена и географска положба. Создавњето на интегриран комуникациски систем нуди сосема нова можности за економски, за деловни, социјални, културни и информациски активности. Медиумските технологии доведоа до интернационализација на јавноста, која во почетокот на 20 век беа повеќе исклучок, отколку правило. Така настанаа, наднационални движења, групи и асоцијации, чии идеи не се национално определени. Така, транзицијата на информациското општество ќе стане клучна за иднината на Европската унија и воопшто за меѓународната јавност, а начинот на примена на новите интерактивни апликации драстично ќе го смени начинот на комуницирање.

Summary

Thanks to the global economy, television and global telecommunication, the signs of global culture are present everywhere in the big cities. Global culture itself has become a collective life model. Thus, it is not difficult to grasp the fact that the pillar of the new contemprorary shape of colonialism is the culture imperialism. The globalization of the culture encouraged by new telecommunication technologies weakened the differences between the economical, political and information systems, especially in the developed world. As a result, the way a person experiences the globalized world will reflect his economical, social and geographical position. By creating an integrated communication system, new possibilities for economic, business, social, culture and information activities can emerge. The media technologies, which in the beginning of the 20th century were exception rather a rule, led to internationalization of the publicity. Thus, the appearance of groups and associations whose ideas were not nationally defined and oriented was inevitable. Consequently, the transition of the information society will hold a key role for the future of the EU and the international public in general; and the way the new interactive applications are practiced will drastically change the nature of communication.

Keywords: globalization, media, technology

Литература

1. Carey, John, *Communication as Culture,* Boston: Unwin Hyman, 1989
2. Ithiel de Sola, Pol, *From Mass Media Revolution to electronic Revolution,* Harvard U.P., Cambridge (mass), 1990 pp 3-18
3. Јакимовски, Љубомир *Јавно мислење, масовно комуницирање, информациско општество*, Правен Фаакултет - Јустинијан Први, Скопје, 2003
4. Колар-Панов, Дона *Трансцедирајќи ја реалноста,* Културен живот, 1996; 1: стр. 15
5. Meyrowitz, Joshua, *No sence of place: The Impact of Electronic media of Socila Behavior*, New York: Oxford University press, 1985
6. Robins, Kevin *Cyber space and the world we lived in* Body and Society 1995; 1: pp 135-155
7. Targowski, Andrew *Strategy and arhitecture of the electronic global village*, IGI Publishing Hershey, PA, USA, 1991

316.613 : 174.4

Доц. д-р **Јован ЛОЗАНОВСКИ**

ЕТИЧКИОТ КОДЕКС – НАЈЗНАЧАЕН ДЕОНТОЛОШКИ ДОКУМЕНТ

Апстракт

Прашањето за односот на моралот и правото е присутно во филозофските расправи од антиката до денес. Современите состојби покажуваат дека се прават напори во животот на луѓето етиката и правото да се доведат до врвот на човечката размисла и активност. Етиката денес стана најважна научна дисциплина во еден разнебитен природен, духовен и социјален свет. Правото повторно е водечка дисциплина во едно општество со особени социјални тенденции и форми, какви што се: човекови права, граѓанско општество, правна држава и парламентарна демократија.

Позицијата на етиката и на правото во денешната епоха и нивните современи проникнувања го привлекуваат вниманието на сите заинтересирани за суштината на денешното живеење и за напредокот на човештвото. Нивниот однос денес се чин дека е најблизок, токму во етичко правните (деонтолошки) документи, какви што се етичките кодекси на различните професии, служби, дејности, компании и сл.

Клучни зборови: *етички кодекс, етички субјект, морални вредности, принципи и норми, деонтологија, професионална етика.*

1. Вовед

Во литературата и етичките (филозофските) речници со поимот кодекс (лат. codeks) се означува „зборник на закони или прописи, пропис, правило/правила за постапување во одредена ситуација или професија, најчесто со етичка димензија (кодекс на новинарите, на лекарите и сл.)“[1] . Од дефиницијата се гледа дека станува збор за пишани етички правила, прописи или норми за поведение на луѓето од една група, професија, дејност, јавна служба (државна, локална), компанија, фирма и сл. (деонтологија на струката), што покажува дека речиси секаде и на сите етички субјекти им е потребен моралот за успешно дејствување во доменот на својата фела.

[1] Кирил Темков, Етички речник, Просветно дело АД, Скопје, 2004, стр. 59.

Многувековното постоење на етиката како наука е одбележано со проучување на моралните намери (верувања и идеи), вредности и принципи за тоа дали нештата се добри, исправни и позитивни или се лоши, неисправни и негативни, но и на укажувањето на нормите до кои луѓето треба да се придржуваат за да се остварат нивните намери во моралната сфера од идејата, изреченият суд, па се до постапката или целокупното поведение.

Етиката ги учи луѓето за човечките вредности, принципи и норми да ги насочуваат кон себе, кон другите поединци или групи и им укажува дека доколку тие бидат следени, ќе доведат до постапки или поведение кое ќе резултира со соодветно добро, праведно и позитивно решение или постапка. Затоа етиката си поставила цел луѓето да ги оспособи (посебно младите) во зрели *етички субјекти*, кои во секојдневниот живот, кога се наоѓаат во различни *морални ситуации* или кога се во позиција да донесуваат решенија, да постапуваат исправно и да носат праведни одлуки. Етиката треба да им помогне како најдобро да ги менаџират односите помеѓу различните заинтересирани субјекти во доменот на нивниот живот, нивната работа или јавно дејствување. Од таму произлегува потребата таа да се изучува на сите нивоа на образование (основно и средно), а особено на високото образование како деонтологија на струката[2] .

Луѓето во секојдневниот живот, особено во професионалниот, постојано се среќаваат со морални дилеми кога ситуацијата бара од нив да се определуваат за алтернативни решенија, постапки или одлуки, особено во ситуации кога решенијата се во полза на една, а на штета на друга целна група или субјект, односно кога алтернативно се поставени како морални или неморални и тогаш донесувањето на исправно решение не е едноставно и лесно. Меѓутоа, доколку субјектот добро ја изучил и етиката и ги познава моралните норми[3] и доколку се потпре на совеста и на законските решенија и стандардите во дејноста, тој ќе донесе исправна одлука и ќе преземе правилен чекор. Но, во други случаи, кога наместо изградени етички субјекти, одлуките ги носат индивидуи на волонтерска основа или во интерес на само една целна група или поединец, тие етички не можат ни да се оценат како добри, ниту од правен аспект како исправни или праведни.

[2] Види: Јован Лозановски: Етиката и младите, Китано, ***a*** Скопје, 2006, стр.161-183.

[3] Со овој дел се занимава нормативната или практичната етика која се обидува да даде или општи норми со универзално значење или практични норми во одредена струка, дејност или општествена средина. Поопширно види кај Vuko Pavićević: Osnovi etike, BIGZ, Beograd, 1974, str. 25-36.

2. Историско-тематски пристп

За овие проблеми филозофите-етичари расправале со векови[4] од антиката до денес и при тоа граделе посебни принципи и норми кои треба да се применат за да се определи кои постапки се етички или неетички. Такви расправи се водат и денес, но не само во етичките и филозофски кругови, со оглед на тоа што за значењето на етиката се почесто е тема и во стопанските и јавните претпријатија, во државните органи и тела, во локалната самоуправа, во професионалните здруженија, во големите компании... Низ тие расправи се издиференцирале неколку модели за определување на етичноста на донесените решенија, а врз кои се градат нормите на кодексите, а тоа се: утилитарниот, правниот и правичниот модел.

Прво, *утилитерниот модел* се темели на Бентамовата максима[5] според која „етичко решение е она кое носи најмногу добро на најголем број луѓе". Кои се препораките кон етичкиот субјект од утилитарниот модел? Тие се:

- да ги пронајдат сличностите и разликите на алтернативните решенија врз основа на корисноста или штетата на таквите чекори во однос на различните интереси на целните групи и да го изберат онај кој носи најголема корист за интересентите;

- пред да го донеста решението, тие треба да ги анализираат различните интереси на целните групи, а пред се утилитарноста (користа) или штетата од таквиот чекор и сл.

Второ, *правниот модел* се темели на почитувањето на основните права на луѓето кои се засегнати од решенијата. Етичко решение е она кое ги штити правата и привилегиите на целните групи. Овде спаѓаат етичките решенија со кои се гарантираат правото на живот, слобода, приватност, безбедност и сл. Кои се препораките до етичките субјекти? Тие се:

- определба за етички решенија со кои најдобро ќе се заштитат правата на целните групи или поединците кои се однесуваат на заштитата на

[4] На таа тема се напишани и најдобрите етички студии од антиката до денес, како што се *Никомаховата етика* од Аристотел, *Епиктетовиот прирачник*, па се до *Критиката на практичниот ум на Кант*, но и најстрогите етички нормативни системи како што се *Десетте божји заповеди* во Јудеизмот и Христијанството (Декалог) и *Дванаесетте божји заповеди* во Исламот (Додекалог).

[5] Според Бентам, „под корисност (утилитет) се мисли на својството на некој објект со помош на кој тој тежнее да предизвика пробив, предност, задоволство, добро или среќа (а сето тоа во овој случај се сведува на исто), или пак да спречи да се случат непогоди, патења, злочини или несреќи на странките чии интереси се во прашање: ако странката е заедницата воопшто, тогаш среќата на заедницата; а ако во прашање е посебна индивидуа, тогаш среќата на таа индивидуа". (Види поопширно во делото на Х. Bentham: An Introduction to the Principles of Morals and Legislation).

безбедноста, здравјето, правото на работа, на семејство и сл. Сите други решенија би биле неетички бидејќи тие етичкиот субјект го доведуваат во ситуација да донесе погрешна одлука со која се штитат правата на поединци или групи, а не на мнозинството граѓани.

Трето, *моделот на правичност*[6] е етичко, но и правно решение кое подеднакво ги распоредува користа и штетата на сите целни групи на рамноправен, праведен или непристрасерн начин. Овој модел укажува на *правичноста* како норма во ситуации кога треба да се носат решенија, а кои се однесуваат на работните задолженија на вработените во секторот, на наградувањето (платите) за ист ангажнман, на деновите за одмор и сл. Кои се можните препораките? Тие, главно се однесуваат на:

- укажувањата дека луѓето не треба да се дискриминираат по ниедна основа, како што се етничка, верска, полова, родова, партиската или друг вид на припадност или различност меѓу луѓето.

Гледано од аспект на применливоста на трите етички модели, се поставуваат повеќе прашања, и тоа: Дали еден од овие модели нуди најголеми можности за секојдневна примена и кој е тој модел?, потоа: Дали постои комплементарност во напоредната употреба на трите модели и колку е применлива во практиката?, како и уште многу други прашања и дилеми. Зошто? Сите три модели имаат универзална природа. Во различни морални ситуации тие имаат диференцирана примена: некој од нив во дадени ситуации влијае повеќе од другите два, што не значи дека има и поголема значење и обратно.

3. Педогошко-етички пристап

Одговорот на овие и многу други прашање етичката наука го бара и наоѓа во институционалната етичка едукација на младите на сите нивоа на образование, особено во нивната професионална (*деонтолошка*)[7] обука. Таа во голема мера помага во нивната подготовка и изградување како морални субјекти оспособени за донесување на одлуки или преземање на етички акции во разни животни и работни ситуации, а тие треба да бидат темелени

[6] За *правичноста* како највисока добродетел во општеството (државата), произлезен од *мудроста, храброста и умереноста* на личноста, зборувал Платон во неговото монументално етичко-политичко дело *Државата*.

[7] Поаѓајќи определбите за квалитет и примена на современ светски признат курикулум, на на Првиот приватен Европски универзитет - Република Македонија, етиката и деонтологијата на професијата студентите ги изучуваат на првиот циклус на студии и тоа како *етика и деонтологија* на Факултетот за правни науки, потоа *етика во политиката* на Факултетот за политички науки и *медицинска етика и психологија* на Факултетот за стоматологија.

на *моралните вредности*, како што се *совеста, чеснота, знаењето, достоинсвото, одговорноста, работливоста*, како и на *начелата на право и прведност* на кое се изградени етичките и правните норми во современите демократски општества, а први меѓу нив, се и етичките кодекси.

Како *тест за подготвеност* за професионален ангажман на младите луѓе, особено кога се наоѓаат во ситуација да носат одлуки, треба да им послужи *позитивната намера* и во комуникацијата со блиските, колегите, претпоставените, целните групи и сл., да пристапуваат со позитивен одговор (со ДА), на пример, на прашања од следниов вид:

- Дали моите одлуки се во согласност со етичките вредности и норми кои се користат во современите општества и со стандардите во средината во која дејствувам? (ова е *принципот на етичност*);

- Дали можам слободно да ги објавам решенијат кои ги носам пред сите заинтересирани целни групи, поединци или граѓани и да ги објавам на соодветен начин? (ова е *принципот на јавност или транспарентност*);

- Дали луѓето со кои сум близок-семејството, пријателите, соработниците и др., би ги прифатиле моите решенија? (ова е *принципот на блискост*). Покрај овие прашања и од нив извлечени етички принципи, можат да се набројуваат уште голем број други принципи, како што се професионалност, одговорност, исполнителност и др. Со набројувањето немаме амбиција дека ќе бидат исцрпени сите принципи во професионалната, деонтолошка етика, бидејќи нив ги определуваат носителите на дејноста (професијата), туку да се нотираат само основните, општоприфатени начела на кои почива еснафскиот морал или моралот на фелата, како што милуваат да го нарекуваа вработените во определена дејност. Тие се основа на нивните етички кодекси, секако надополнети со санкциите за нивно неизвршување или неправилна примена (правниот дел). Затоа, етички образованиот субјект знае дека решението ќе биде прифатено од секој разумен, добронамерен човек, бидејќи тој е свесен дека тоа, пред се е морално и дека е во негова полза, но и во согласност со интересите на дејноста која ја обавува во фелата, комуната, државата или стопанските субјекти - компаниите.

Спротивно на нив, неетичките решенија се носат кога на наведените прашања се одговара негативно (со НЕ) и тие се, главно, настрана од јавноста и во прикриена форма. Во таквите случаи носителите на одлуки сметаат дека ќе се добијат лична или корист во интерес на фелата, компанијата, општината или државата[8], а забораваат дека таквите постапки најчесто и

[8] Во демократските општества за борба против таквите неморални појави се формираат независни антикорупциски тела (комисии) и невладини организации кои имаат за цел активно да учествуваат во сузбивањето на корупцијата и јавно да ги обелоденуваат своите сознанија. Кај нас со Законот за органите на управата е формирана Државната комисија за спречување на корупцијата. Види: Закон за

правно се санкционираат бидејќи спаѓаат во доменот на недозволените мито, корупција или организиран криминал и подлежат на одредбите на кривичното право.

4. Кодексите и етичките вредности

Етичките кодекси се формализирани стандарди или правила кои се темелат врз сфаќањата на доброто и лошото, а припадниците на професијата или дејноста во своите постапки имаат избор решенијата да ги употребат морално или неморално, исправно или неисправно, праведно или неправедно кон себе си и во постапките кон нивните колеги и соработници или кон заинтересираните целни групи. Во тие стандарди се содржани гледиштата за етичките вредности како што се правда, слобода, еднаквост, правдина и сл. Токму решенијата во етичкиот кодекс произлегуваат од социјалните, професионалните и индивидуалните вредности во актуелната епоха, и тоа:

- социјалните вредности се градат на општествените закони, на традицијата и обичаите;

- професионалните вредности се темелат на законитоста на дејноста и односите помеѓу вработените, вработените и граѓаните (корисниците на услугите на дејноста, целните групи); и

- индивидуалните вредности се формираат на стандардите на семејството, воспитувањето, врсниците и учеството во активностите на општествените институции, личните човечки определби и сл.

Наведените области од моралот се предмет на интерес и проучување од посебни интердисциплинарни истражувања на етиката и другите науки, а кои укажуваат на специфичностите на секоја област одделно. Така:

Социјалната етика ги акцептира вредностите и стандардите од општествената сфера и покажува како индивидуите треба да се однесуваат кон другите личности и кон институциите, но и укажува на тоа какво поведение треба да имаат во однос на најдлабоките човечки вредности. Социјалните стандарди произлегувале, а произлегуваат и денес од актуелните општествени закони, од обичаите, од практиката, но и од непишаните вредности и норми, какви што се моралните, а кои влијаат на комуникацијата меѓу луѓето. Така на пример, луѓето во некои општества (во минатото и денес) се однесуваат етички по автоматизам, бидејќи тие имаат прифатено вредности и норми кои укажуваат на начините како тие влијаат на комуникацијата меѓу луѓето во различни морални ситуции. Но, речиси и да нема општества каде

органите на управа, Службен весник на СРМ, бр. 40/90 и Службен весник на РМ, бр. 63/94 и 63/98.

сите начини на меѓусебна комуникција и поведение се целосно уредени. Затоа, во тој вакум на недореченост (етичките норми најчесто не се пишани) се јавуваат поведенија спротивни на моралот, етичките стандарди и норми. Тогаш се јавуваат разни морално-девијантни појави и правењето лоши дела е вообичаено. Затоа, во одделни држави и народи етичките стандарди се различни. Како евидентен пример се етичките стандарди на Јапонците во однос на постојните во САД или на оние земјите од Африка и Азија во однос на европските, односно како што денешните се разликуваат од оние во минатото и сл., што укажува на потребата за изградба на Универзална етика.

Во критериумите за членство во евроатланските организации и асоцијации на земјите кандидати, како што е Република Македонија, етичките стандарди се преточени во критериуми и одредници во кои се бара бескомпромисна борба со митото, корупцијата и организираниот криминал (трговија со дрога, луѓе, оружје...), потоа транспареноста во работата, слобода на медиумите и невладините организации, личните слободи и права на луѓето, но и општите општествени вредности (демократијата, правната држава, владеењето на правото и др.). Тоа укажува дека секоја земја и нација треба да ги почитува најважните етички вредности и норми, бидејќи тие се основа на современото човештво.

Поради големиот степен на блискост и комуникација на земјите од светот во поглед на општеествените системи, економско-трговската размена, брзината на достап до информациите и сл., согласно социјалните вредности УНЕСКО[9] се залага за изградување на Универзална етика која ќе ги акцептира најдлабоките етички и човечки вредности од сите народи и држави во светот и од сите времиња. Тие вредности се основата на кои се изградени принципите на светските и регионални асоцијации и организации, а кои во актуелните процеси на глобализација тежнеат кон посакуван свет и кон планетата Земја која треба да биде сфатена и изградена како глобално село на сите нејзини жители, без оглед на кој нејзин дел живеат.

Поаѓајќи од изнесеното, социјалната етика дошла до сознанија дека постои потреба од регулирање на поведението на субјектите, бидејќи со задоволување на тесните лични или колективни интереси, се уште се загрозуваат пошироките општествени утилитарности. Моралните принципи и норми укажуваат на тоа што е добра и соодветна професионална практика и тоа врз основа интересите на сите. Слободната и праведна конкуренција (пазарната економија, размена на научни сознанија, технички достигнувања и сл.)[10]

[9] UNESKO-Major Programme II: The science in tne service of development, Programmme II.3: Philosophi and etics, (02024-02028), pp. 35-36.

[10] Најсвеж пример е актуелната светска економска криза, за која, според угледни експерти, во причините за нејзиното појавување се вбројува несовесното работење на дел од менаџерските тимови на економските институции (банките). Во натпис за

меѓу производните субјекти е можна врз принципи и норми кои сите ќе ги почитуваат, во спротивно се доаѓа до нелојална конкуренција и рушење на таквата благородна идеја која ја прифаќа светот. Слично е и со принципите и нормите во современата демократија (слободите и правата на поединецот, правната држава и владеењето на правото).

Професионалната етика или деонтологијата на струката се темели на принципите и нормите кои ги издиференцирале членовите во еден занает или фела (правници, лекари, новинари, јавна администрација, наставници, научни работници и сл.). Етиката неможе директно да влијае на состојбите на одредена професија, но затоа од припадниците бара да се однесуваат согласно моралните вредности, а од организациските субјекти да утврдуваат етички кодекси. Покрај тоа, етиката бара и од денешната *наука да остане неутрална* и да се ослободи од влијанието на интересите на големите компании или државата и своите истражувања да ги насочи кон откритијата кои ќе придонесуваат за општо добро и кои нема да ја повреддуваат природата и живиот свет во неа, како што е случај, на пример, со откритијата во атомската физика и хемијата. Етичарите се упорни во укажувањата дека во рамките на професијата не треба да се мисли само на корисноста и профитот што може да се добие од пронајдокот, од неговата апликација, туку и на последиците од неговата примена (атомската енергија, пестицидите...) кои можат да бидат со далекусежни нарушувања, како директно на здравјето на луѓето, така и индиректно на почвата, водата, воздухот, атмосферата, животинскиот и растителниот свет, природата. Како резултат на неповолните трендови во развојот на некои професии и дејности, се јави потреба од развојот на *биоетиката* (во нејзини рамки и здравствената етика), *еколошката етика* и *екософијата* како крик на етичката наука против лошите активности на човекот насочени кон себеуништување (на сопствениот живот и на се што е живо).

Етиката како *вредносна (аксиолошка) наука* предлага норми и заокружени етички документи (кодекси), но тие прописи најчесто немаат сила на санкции како законските и затоа таа укажува на поребата од разбудување на свеста на човекот за негово совесно поведение како професионалец - научник, лекар, професор..., но и на инкорпорирање на дел од позитивната легислатива во областа, со што во овие документи најјасно се гледа поврзаноста и взаемното дополнување на моралот и правото. Етичките кодекси се *пишани норми* и претставуваат професионалната совест на луѓето од една фела и претставуваат збир од правила и норми на поведение кон себе, кон другите луѓе, но и кон природата (Геа, мајка).

лондонски Гардијан вакво улажување изнесе добитникот на Нобелова награда за економија, професорот Џозеф Стиглиц.

Во правната област во рамките на здруженијата на правници[11], адвоката и сл., потоа во професионални организации и здруженија, кодексите се пропишуваат и донесуваат во рамките на асоцијациите, а во јавните служби, кои главно се во дејностите на државата и локалната самоуправа, ги донесуваат соодветните органи и тела и тоа врз основа на законските решенија за вршење на дејноста на јавен службеник[12], во политичкото дејствување (во вид на кодекси за фер и демократски избори), но и во компаниите, универзитетите и претпријатијата и сл. Таа дејност самостојно ја обавуваат носителите на дејноста и затоа етичкиот кодекс доброволно е прифатен од нив и масовно почитуван. Оние кои тоа го прават формално, како што е случај со вработените во јавните служби, всушност се тие кои и најмногу ги кршат неговите норми. Таквиот вид на поведение се дефинира како коруптивно и тоа еден ден ќе биде откриено и соодветно правно санкционирано, но и јавно обелоденето пред останатите потписници на кодексот и пред целокупната јавност (со одземање на лиценцата за работа, отказ и сл.). Меѓутоа, за кршењето на етичките норми кај самите носители на таквото поведение, подоцна на сцена стапуваат и моралните санкции, а тие некогаш можат да бидат потешки и од правните. Овде станува збор за *грижата на совеста* на индивидуата, најчесто придружена и од уште потешката, колективна осуда на *јавното мислење* на граѓаните, изразена во средствата за јавно информирање, низ бојкотот на колегите, соработниците, фамилијата...

Индивидуалната етика се темели на личните вредности и стандарди во поведението на луѓето. Изворите на индивидуалната етика се наоѓаат во вредностите на семејството, на врсниците, на воспитанието и на колегите. Искуствата добиени во текот на животот во семејството, во воспитно-образовниот процес (градинките, училиштата, унииверзитетот), во дружењето со врсниците, во членувањето во разни социјални институции и на работното место, придонесуваат да се развијат личните вредности и стандарди за добро поведение и за разликување на доброто и лошото како основни етички категории. Кај овој вид на етика не се носат кодекси. Тука главниот збор го има етичкото образование кое личноста го стекнала по институционален пат и кое помага да се систематизираат сите претходни сознанија за моралниот феномен, стекнати во социјалното милје и оценка е дека дури тогаш индивудуата може да се оформи во *автономен и одговорен етички субјект* и кој ќе биде во состојба успешно да се снаоѓа во различни дејствени и животни ситуации и да донесува соодветни и исправни одлуки. Затоа за многу одлуки или решенија личноста може да биде во колизија со другите, особно по прашањата кои не се регулирани со закон, но етички изградениот субјект во секоја ситуација може успешно да се спротивставува на паушалноста и волонтаризмот и да нуди автентични етички решенија од

[11] Види: *Етичкиот кодекс на здружението на правниците на Република Македонија*

[12] Види:*Законот за државни службеници*, Службен весник на РМ, бр. 93/2000, каде е пропишано да се изработи и е донесен *Етички кодекс за државните службеници на Република Македонијаиди,* Слжбен весник на РМ, бр. 108/2005.

потраен карактер и поприфатливи за сите и од таму во рамките на институцијата во која дејствува или работи етичкиот субјект, индивидуалниот морал е особено важен за изградба и опстојување на етичкиот кодекс на професијата. Овде си земам слобода да го парафразизам најголемиот филозоф и етичар, стагиранецот Аристотел, таткото на етиката, кој велел „за мене еден е подобар од десет илјади ако е најдобар“[13], чиј аристократизам особено бил критикуван од социјалистичката етичко-политичка мисла, но и од современата етика денес.

Како што видовме, социјалната, професионалната и индивидуалната етика, во непосредната практична примена се основните извори на моралните вредности, принципи и норми. Тие едновремено претставуваат и основата на етичките кодекси на професионално ниво. Истражувањата покажуваат дека кодексите имаат големо влијание на работната ефикасност, на меѓусебната комуникација, на односот кон надворешните лица, на сопственото надградување и на рејтингот на професијата. Најдлабоко во историјта на етиката на овој план не враќа лекарската фела која за свој кодекс ја прифатила *Хипократовата заклетва*[14] и „која без сомнение влијаела врз византиските, арапските и латинските погледи врз етиката, како и врз писателте и лекарите во средниот век”. Поаѓајќи од значењето на етичките норми, Светското здружение на лекарите, на собранието одржано во Женева во 1948 година, ја донесло *Женевската заклетва*. Денеска речиси и да нема професија или организација која држи до сопствениот бренд, а да нема изградено етички кодекс. Понатаму, етичкиот кодекс како документ од деонтолошко значење постојано се надоградува со вредностите кои секојдневно се развиваат во дејноста и го заземаат своето место во етиката, а таквите вредности перманентно се надоградуваат низ меѓународната комуникација со народите и државите во целиот свет, низ деловните партнери во рамките на професионалната дејност (Деловната етика), како и низ Универзалната етика.

5. Основните принципи на етичките кодекси

Денес речиси во сите дејности од животот и работата се носат документи за вработените или носителите на професијата во вид на етички кодекси. Тие, најчесто се деонтолошки документи и служат како пример или урнек за очекувано однесување (поведение) на вработените во различни ситуации. Врз кои вредности, принципи и норми се темелат етичките кодекси? Во одредени дејности од сферата на државните и јавни служби, тие се пропишуваат со закон (кај нас со *Законот за државни службеници* е пропишано донесувањето на *Етички кодекс за државните службеници на Република Македонија*). Во него,

[13] Види поопширно во неговата книга Никомановата етика, која е првата етичка етичка студија воопшто во историјата на човештвото и која е зачувана во целина

[14] Види: Карпош Бошковски, Медицинска етика и деонтологија, НИП Ѓурѓа, Скопје,1999, стр. 14-19.

покрај општите одредби, се содржани основните принципи на законитост, професионален интегритет, ефикасност и лојалност при вршењето на јавни должности на службениците, а кои секој треба да ги почитува. Во останатите асоцијации, организации и компании-самите носители на дејноста. Професионалните кодекси ги содржат основните вредности и принципи на дејноста (професијата) и врз нив се темалат етичките кодекси. Во етичката литература се среќаваат следните:

- *принципот на должноста* кој се однесува на обврските на носителот на професијата при извршување на работите во согласност својата совест и чувството на должност, во согласност со постојната легислатива[15] и овој принцип од субјектите бара одговорно вршењето на работите и исполнување на обврските кон колегите, граѓаните, државата, компанијата и себе си;

- со *принципот на професионалноста* од секој субјект во вршењето на работните должности очекува врвен ангажман, извршување на работите на високо стручно ниво, но и еднаков третман на граѓаните и целните групи при (овде се појавува и *принципот на еднаквост*). За да се постигне тоа постои и обврската за континуирано надградување и стручно усовршување[16] .

Покрај нив, мошне важни се *принципите на совесност, едноставност, ефикасност, уредност и навременост во извршување на работите* во интерес на странките и граѓаните при остварувањето на нивните права, должности и интереси. Овде станува збор за принципите кои произлегуваат од индивидуалните етички вредности: *совест, еднаквост, ефиксност, уредност и навременост,* потоа, *принципот на коректност* со кој од субјектот се очекува да се ангажира во активности кои овозможуваат одговорно вршење на неговите должности и се бара тој да стори сé за да ги избегне ситуациите и однесувањата што можат да му наштетат на интересот или угледот на органот во кој е вработен, на претпријатието (фирмата) или на граѓанинот, како и *принципите на доверба и соработка*, со кои тој се обврзува во контактите со граѓаните и другите субјекти да се однесува на начин кој овозможува да се воспостават односи на заемна доверба и соработка со физичките лица (граѓаните) и правните субјекти. Во односите со граѓаните и другите субјекти, овие принципи укажуваат на потребата од разбирање,

[15] Позната е беседата на Сократ на судот во Атина, со која одговарал на обвинувањето дека со своите подучувања *ја расипува младината*, а во која тој негира дека така настапувал и бил подготвен мирно да ја прифати секоја пресуда која е во согласност со законите на неговата земја, бидејќи како граѓанин ,тој нив ги почитувал. Тоа го докажал и практично и ја одбил понудата на своите ученици да оди во егзил за да остане жив, со забелешката дека така ќе докаже дека не ги почитува законите. Види поопширно кај Платон: *Сократова одбрана*.

[16] Во педагогијата познато како *доживотно учење*.

љубезност, пристојност, но и барање да се помога на секого со најголема можна волја, но и да не се попречува остварувањето на правата и интересите на луѓето.

Постојат и низа други етички начела, а овде сакаме да ги потенцираме принципите *на самостојност во одлучувањето*, *на непристрасност, на незлоупотреба на овластувањата и статусот, на транспарентност на информациите, на аполитичност (кој е мошне актуелен кај нас), на неконфликтност во доменот на финансиски интереси, подароците и друг вид непосредна материјална корист, принципот на заштита и економично користење на државните средства, како и принципот за начинот на поведение во јавните и професионални настапи и во приватниот живот* и сл. Со овие принципи се очекува субјектот како професионалец деонтолошки да ги обедини моралните и правните вредности и норми и да биде пример во својата дејност, а со својот углед да покаже како треба и другите да се однесуваат во рамките на својата фела.

6. Заклучок

Етичките кодекси денес станаа практика во речиси сите домени на стручното и професионално ангажирање на луѓето, како во нивните асоцијации (на лекари, на правници, на наставници, на новинари, на компјутерџиите...), така и во државните органи и тела на централно и локално ниво (на јавната администрација, на државните и локални функционери...), во политичкото дејствување (за фер и демократски избори), во компаниите и претпријатијата со познати и признати брендови, на универзитетите и сл.

Етичките кодекси се збир од вредности, правила, норми и постапки со кои се уредуваат меѓусебните односи на луѓето во нивната професионална средина, со цел со нив да се предвидат можните етички ситуации во кои секојдневно се наоѓаат вработените, но и да се пропишат (нормираат) начините на нивното поведение.

Тие норми произлегуваат од најважните етички вредности на општеството, професијата и личноста, од нивните специфични односи и поставеност, но и од актуелната општа и посебна легислатива, со што на најдиректен начин се поврзани првото и моралот, а се темелат на неколку основнини принципи, меѓу кои посебно се потенцира должноста (деонтологијата на професијата или дејноста).

Summary

Today ethical codes have become a practice in almost all domains of people's professional engagement, such as their associations(doctors, jurists,teachers, journalists, IT experts…), in the organs of government as well as bodies at central and local level(public administration, governmental and local authorities), in political activities(about fair and democratic elections), in companies and firms with famous and recognized brands, at the universities etc.

Ethical codes are a sum of values, rules, norms and actions that arrange people's mutual relations in their professional environment, and their purpose is to predict any potential ethical situations of the employees, as well as to provide mechanisms of their behaviour.

These norms come from the most important ethical values in the society, the profession and the personality, from their specific relations and interposition, but also from the current general and specific legislation, which directly relates law and ethics, and are based on several basic principles, duty being the most emphasized one(deontology of profession or work).

Литература

1. Аристотел: Никомахова етика.
2. Бошковски, Карпош: Медицинска етика и деонтологија, Скопје, 1999.
3. Bentham, X.: An Introduction to the Principles of Morals and Legislation.
4. Етички кодекс за државните службеници на Република Македонијаиди, Службен весник на РМ, бр. 108/2005.
5. Етичкиот кодекс на здружението на правниците на Република Македонија
6. Закон за органите на управа, Службен весник на СРМ, бр. 40/90 и Службен весник на РМ, бр. 63/94 и 63/98.
7. Кант, Имануел: Критиката на практичниот ум, Метафорум, Скопје, 1996.
8. Лозановски, Јован: Етиката и младите, Китано, Скопје, 2006.
9. Pavićević, Vuko: *Osnovi etike*, BIGZ, Beograd, 1974.
10. Платон: Државата.
11. Платон: Сократовата одбрана
12. Темков, Кирил: Етички речник, Просветно дело АД, Скопје, 2004.
13. UNESKO-Major Programme II: The science in tne service of development, Programmme II.3: Philosophi and etics, (02024-02028).

316.723-021.463

Асс. м-р **Кристина БОГЕВСКА МАЛИНКА**

УЛОГАТА НА ЕТНИЧКАТА ДИМЕНЗИЈА ВО ИНТЕРКУЛТУРНАТА КОМУНИКАЦИЈА

Апстракт

Важноста на етничкиот фактор во современиот свет е парадоксален феномен, која наместо да се намалува, претставува важен принцип за политичка организација и градење на индивидуалниот идентитет. До деведесетите години на минатиот век се сметало дека етничкиот дискурс е надминат и застарен, но со „етничката ревитализација“ се покажа неговата рамноправна улога со економијата и културата во општеството. Етничката димензија на идентитетот, не ретко, се потврдува како извор на недоразбирања и конфликти при судирот на етникуми. Интеркултурната комуникација како концепт подразбира дијалог, вклученост, заемно прифаќање, перспектива на „другиот“.

Клучни зборови: *етнички идентитет, национална држава, интеркултурна комуникација, етнички малцинства, акултурација, реверзибилност на историјата, актуелизација на историјата*

> Кога гледаме еден кон друг, во зениците на нашите очи се одразуваат два различни света. Со заземање на одредена положба таа разлика може да се сведе на минимум, но мора да се спои во едно, да стане еден човек, за таа разлика потполно да се уништи. (Бахтин, 1991: 23).

Вовед

Талин, април 2007. Простор и време земени условно, настан кој може да се случи и во други временски и просторни контексти. Многу повредени и затворени лица по демонстрациите во центарот на градот. Од централниот плоштад во Талин беше отстранета бронзената статуа на војник на советската Црвена армија од Втората светска војна. За Естонците статуата беше болен симбол на советска окупација, додека руското малцинство ја доживеа

ексхумацијата и преместувањето на останките на градските гробишта како навреда на нивните чувства и споменот на антифашистичката борба.

Силниот симболичен набој насобран во симболот на статуата ги разгоре страстите на обете страни. Нема „повпечатливи обележја на модерната култура на национализмот од спомен костурниците и гробниците на незнајните јунаци“, полни со „сенишни национални замислувања“ (Андерсон, 1998:23). Од една страна државата и емоциите на доминантната етничка група, а од друга - руската малцинска група. Неизбежни се мислите кои навираат во обид да ја разјаснеме ужасната глетка на хаос, нереди, крв. Колкава е моќта на етничкиот и националниот идентитет, историските артефакти со кои емотивно се поврзуваат поединечните групи, моштите на нивните предци како една цврста врска со дамнешното минато и доказ за нивно постоење од најстари времиња. Настанот од пред неколку години е само мотив и подлошка за истражувањето на улогата на етничката димензија како важен принцип на политичка организација и градење на индивидуални идентитети, но и како причина за интеркултурни конфликти. Поттикот е да се истражи привлечноста на моделот нација – држава, уште еднаш потврдена на крајот на XX век, преку создавањето нови национални држави во Централна и Источна Европа. Меѓутоа, не се сложувам со тврдењата дека станува збор за задоцнета историја на просторот на Источна Европа, туку едноставно за трајност и адаптибилност на матрицата на националната држава на новонастанатите состојби во современиот свет, поставени пред сè од глобализацијата, но и од спротивставената тенденција на „регионализација на идентитетот“ (Џордано, 2001). Длабоката вкоренетост на поврзаноста со нацијата, како и нејзината акумулација на моќ на политичката сцена ни се потврдува и од тврдокорноста на националните држави, членки на Европската Унија, во поглед на прашањето за префрлање на своите надлежности на комунитарно ниво, особено прашањата поврзани за културата, малцинските права, наставните програми и други подрачја каде националната припадност и културните разлики ја обојуваат областа на изразување на националните посебности. Во крајна линија главните институционални тела на ЕУ, како Европскиот совет, Советот на министри и донекаде Европската комисија, кои ја креираат политиката на ЕУ, зборуваат преку гласот на националните држави – членки во Унијата.

Етничката димензија како причина за интеркултурни недоразбирања

Зборувајќи за интеркултурната комуникација, недоразбирањата и конфликтите меѓу различните групи, односот малцинство - мнозинство и улогата на националната држава, неизбежно е да зборуваме за етничката димензија на идентитетот, чија симболична вредност е од огромно значење за поединецот / групата, како „тврдина за социокултурна одбрана“ (Грифин;

види:Стојковиќ:15), со што малцинските групи го враќаат својот дигнитет, верувањето во своите вредности и го надминуваат чувството на инфериорност, додека мнозинството дава потврда на своето право на доминација и поставува критериуми за припадност / неприпадност во националната држава. Токму затоа со право може да кажеме дека етнитетот е неразделен аспект на модерноста. Модернизацијата, од една страна, ги намалува културните разлики во светот, а од друга страна, зголемената културна самосвест со посредство на модернизацијата и вклучувањето во националната држава, доведува до создавање на самосвесен, дистинктивен етнички идентитет преку кој се нагласува нивната единственост. Современиот свет е обележан со сé поголемата културна сличност на граѓаните на повеќето национални држави како резултат на зголемената интеграција во државните институции (образовниот и политичкиот систем), интегративниот ефект на капитализмот и создавањето на униформиран пазар на трудот и блиска економска култура како и процесите на културната глобализација посредувани со најразличните форми на масовна комуникација, кои создаваат културни сличности преку границите. Од друга страна, во последните децении на минатиот век се забележува „етничка ревитализација“ која воведува рамнотежа во процесите на културното изедначување, преку заживување на речиси заборавените обичаи, религии, верувања, јазик, а во некои случаи и нивно измислување. Потребата за различности се спротивставува на тенденциите за хомогенизација. „Потребата на индивидуата да се идентификува себеси како член на група и да ја разликува својата група од другите е основна потреба и постојана компонента на човековата еволуција“ (Maslow 1981 *Мотивација и идентитет*). Апсолутната хомогеност е невозможна, бидејќи тогаш би станувало збор за монолог. Комуникацијата го подразбира „другиот“, другиот кој се разликува без разлика колку се мали тие разлики.

Културниот контакт доведува до приближување и влијание на културните концепти еден на друг, при што сè повеќе се зборува за интеркултурализам и интеркултурни општества, каде се признава вредноста на сите култури и се прават обиди за воспоставување дијалог меѓу нив. При тоа не станува збор за некритичко мешање и губење на културниот идентитет, туку создавање еднакви шанси за вклученост на малцинските култури. Оваа културна политика се повеќе го заменува мултикултурализмот кој имплицира рамноправно коегзистирање на повеќе култури. Акултурацијата е незамислива без „културен контакт“ и интеркултурна комуникација, за што сведочат и истражувањата на културните и социјалните антрополози на домородните култури, кои потврдуваат дека ниту најпримитивните, најархаичните заедници не се изолиран колектив, туку учесници во интеракциски процеси со пријателски/непријателски расположени соседи и оддалечени заедници доживеани како „сфера на опасна културна туѓина“ (Џордано, 2001:8). Меѓутоа, акултурацијата, како што вели Коковиќ, треба да ја разликуваме од културните промени, затоа што таа е еден вид на културна промена, но и од

асимилацијата која е само можна фаза на акултурацијата. Таа претставува спој на две култури преку културниот контакт и ги подразбира промените кои произлегуваат од тој контакт (Коковиќ, 1997:307).

> Акултурацијата ги опфаќа појавите кои настануваат кај групите од различни култури, кои доаѓаат во постојан непосреден контакт, со понатамошни промени во културната матрица на една од групите или на двете групи. (Редфилд, Херскович, Линтон,1936: види Џордано, 2001:8)

Од моментот кога групата е во постојан контакт со други групи, нејзините членови развиваат рефлексивна свест за нивната различност и единственост на културата, како и загриженост да ја сочуваат таа различност. Етничките идентитети секогаш се одредуваат преку културниот контраст со друг идентитет. Тоа подразбира одделување од другиот, свест за таа одделеност, идентификација со некој / нешто и признавање од другите. Притоа, сопствената слика содржи позитивна конотација, додека сликата за другиот е исполнета со предрасуди. Негативно стереотипното разделување од „другиот“ може да биде поттикнувачко за колективниот идентитет.

> Етноцентризмот во интеркултурните односи, вели Клод Леви – Строс, е една од основните константи на колективната мисловна шема на секоја заедница (1984:5-30; види: Џордано, ibid.:10).

Во основа на интеркултурната комуникација е истовремената релативизација на себе и другиот, односно препознавање на себе во другиот и другиот во себе. Џордано (2001) укажува дека и наспроти тешкотиите, возможно е да се разберат туѓите култури, доколку се сфатат од перспективата на „другиот“. Интеркултурните недоразбирања се создаваат кога претставниците на две различни култури (или на еден хомоген јазичен простор, во кој под влијание на промените во историскиот контекст, започнала културна диференцијација и создавање на разлики во социјалната и јазичната сфера) го интерпретираат културниот контакт во кој се вклучени на различни начини и дејствуваат според нивната субјективно сфатена смисла. При интеркултурните недоразбирања секоја страна поседува сопствена „културна граматика“, се одликува со различно искуство и со спротивен хоризонт на очекувања (ibid.:28).

Конструирање, деконструирање и реконструирање на идентитетот

Објаснувајќи ги интеркултурните феномени и создавањето на националните држави, научниците неизбежно се соочуваат со етничкиот фактор и неговата значајна улога во конструирањето, деконструирањето и реконструирањето на идентитетот. Во поново време се напушта структуралната кон-

цепција според која ethnicity/etnicité се состои од „објективни карактеристики“ и постои како „потврден комплекс на вистински црти, кои неспорно постојат“, укажувајќи на непроменливоста на разликите меѓу луѓето. Се застапува тезата дека етничкиот идентитет е вештачка творба, односно производ на колективна конструкција, создадена од одредени креатори на етничкиот идентитет во одредени историски прилики. Когнитивниот пристап го претставува етничкиот идентитет како конструкција на стварноста, „замислена заедница“, односно процес во кој човечките групи свесно ги истакнуваат етничките особини (заедничко потекло, традиција, јазик, историја, заеднички простор) како критериуми за разграничување во однос на другите групи (Андерсон, :15). Етнитетот се сфаќа како покрет или процес кој има за цел да создаде „замислена“ или „измислена“ заедница (етнос, нација) заснована на „осмислени“ етнички критериуми - заедничко потекло, култура, јазик, традиција, историја и заедничка територија (Џордано, 1996:281, види: 2001:191). Во таа смисла Хабермас го дефинира етнитетот како „заедничко културно знаење“ (види:Џордано, 2001:49-52). Креацијата на етнитетот може да биде процес „од доле“ односно, спонтан процес, социјално движење кое е резултат на колективна фрустрација, реакција на предизвиците поставени од друга култура. Но, може да се сфати и како креација на една елита, „од горе“, со посредство на менаџмент на идентитетот, при тоа поседувајќи изразени организаторски особини, хиерархиска поставеност, слоевита структура и јасно формулирани програми. Овие два идеални типа речиси никогаш не се појавуваат во реалноста. Етнитетот е процес во кој наизменично се менуваат двете фази, при што етничкиот менаџмент на идентитетот може да предизвика појава на социјални движења и обратно, од етнички ориентирано движење може да произлезе менаџмент на идентитетот.

Етничка димензија и процеси на мобилност

Појавата на етничкиот дискурс во голема мера е поврзан со хоризонталната мобилност. Дебатата за етничката димензија на идентитетот започнала во англосаксонскиот и северно - атлантскиот простор и била поврзана со дискусијата за културата во урбаните имигрантски поткултури - италоамериканци, афроамериканци, хиспаноамериканци, кои немале изразени територијални претензии за создавање сопствена држава. Во континентална Европа, особено во северозападниот дел, имало важни миграциони процеси, но тие не успеале да поттикнат етнички дискурси. Работничката имиграција, доселеници од Средоземјето, не биле многу заинтересирани за „етничките прашања“. Расправите за етничките прашања биле отворани од старите, односно новосоздадените локални култури, кои во политички, економски и културен поглед се чувствувале потиснато од нациите - држави настанати во 18 и 19 век. Во нивните барања за културна и административна автономија

(Лига за Север) територијата немала примарна улога и индиректно доаѓа до израз. Поголема важност се давала на јазикот (Каталонија, Галиција, Окитанија), религијата (Северна Ирска), сопствената историја (Сицилија).

Во Централна и Источна Европа како резултат на специфичните процеси на мобилност се развива трет тип на етнички дискурс. Миграциските феномени во овој регион биле ограничени и со мали исклучоци (Виетнамци во НДР и Чешка, како и советските војници кои живееле изолирано во касарните и посебните квартови). Политиката на русификација во балтичките држави, по Втората Светска Војна, предизвикала преслојување на општеството сосема различно од имиграцијата во западноевропските држави. Ова искуство, доживеано како колективна траума, довело до пораст на желбата за воспоставување директна врска со времето пред социјализмот и бришење на тој меѓувременски период („реверзибилност на историјата“). Со укинување на блоковската поделба се појавува „романтичарски“ дискурс во духот на национализмот од 19 век, како и барања за поставување јасни етнички граници. Територијалноста се сфаќа моноетнички и поаѓа од сфаќањето дека етничката заедница има право да обликува својот хомоген простор. Пример за тоа е етнички обоен дискурс со територијални примеси на уставите на некои новоформирани држави во 1990 – те години, каде се говори за „неотуѓивост на просторот“ како гаранција за културен опстанок на нацијата. Враќањето на територијалноста во ЦИЕ се поврзува со митот за една идеална претсоцијалистичка епоха. Раскрстувањето со социјалистичкото минато се доживува како можно преку враќањето назад во периодот пред 1945 година, додека периодот до 1989 година се толкува како „фатална грешка“ која треба да се заборави. Оваа интерпретација на блиското минато доведува до бришење на сите сведоштва што се поврзуваат со времето на социјализмот и до сфаќањето дека враќањето назад во историјата во едно претсоцијалистичко време ќе придонесе за успешност на транзицијата. Набргу по заносот во ЦИЕ се појавиле „знаците на носталгична потреба од сигурноста во социјализмот“(ibid.:220).

Стремежот за моноетничка територијалност е длабоко вкоренет, на што укажува и Иштван Бибо, посочувајќи дека „остварувањето на сонот на целата заедница се огледува пред сé на географската карта“ (ibid.:64). Воопшто во Европа присутен е феноменот на „разгранување на границите“ низ историјата, посебно нагласен во источната половина на континентот, особено Балканскиот полуостров. Со крајот на блоковската поделба, распаѓањето на Советскиот Сојуз, Југославија и Чекословачка се појавил фетишизмот со границите, границите кои ја обележуваат светата територија на татковината, која може да ги опфати и неослободените територии преку границата.

Во минатото, сегашноста, а можеби и во иднината на Средна и Источна Европа се забележува феноменот на непостојаност на границите. „Варијабилноста на границите“ на националните држави придонеле да се

создаде специфично конструирано колективното помнење во ЦИЕ, кое се карактеризира со сфаќањето за „иреверзибилен развој на историјата“, односно дека во одреден период историјата тргнала наопаку и дека минатото неизбежно се повторува. Токму затоа, вели Џордано (2001), голема е поврзаноста на територијалниот интегритет со опстанокот на народот, нацијата, етносот, а барањата за колективно признавање се изразува преку борбата за „светата родна земја“ и еднаш засекогаш утврдена и непроменлива територија (ibid.:238). Со судирот меѓу Естонија и Летонија од една страна и Русија од друга, околу две подрачја кои Сталин по 1945 година ги доделил на СССР, може да се илустрира митологизирањето на територијалниот принцип. Друг таков конфликт се војните во Југославија.

Принципот jus sanguinis вклучен во етничкиот дискурс ги дефинира и граѓанските права, како што е примерот со контроверзниот закон за државјанство во балтичките држави со кој би требало да се регулира статусот на руските доселеници. Во Естонија и Литванија 1,6 милиони етнички Руси не се државјани на ниедна држава. Во Летонија 40% Руси добиваат т.н. „обновено државјанство“ врз основа на доказ дека нивните дамнешни предци живееле во Летонија, додека останатите 60% кои пристигнале по Втората Светска Војна не ги „исполнуваат“ критериумите за државјанство.

Кохезијата на секоја заедница се заснова на верувањето дека се поседуваат заеднички одлики. При тоа е раширена идејата дека што порано е обликувана заедничката одлика толку е поцврста, непроменлива и трајна. Се покажува дека историјата е еден голем каменолом, како што вели Џордано, од кој може да се издвојат оние камења кои покажуваат како групата била единствена уште од дамнешни времиња. Секако избраните факти се обработуваат и со нив се манипулира, а тоа „измислување“ на приказни и традиции е неопходна постапка со која минатото се мобилизира во сегашноста (ibid.:76). Речиси сите заедници (модерните национални држави) кои настанале како резултат на политички договори, својот легитимитет го засноваат на митовите за настанокот, на оние настани за кои се верува дека се значајни за создавањето на заедницата, кои се создаваат во специфични моменти и околности, благодарение на „актуелизација на историјата“. Меѓутоа, заедницата која е во потрага на својот колективен идентитет, нема да се сврти само кон митовите за настанокот, туку и кон создавањето збир на доблести кои треба да се поддржуваат и кои им се придодаваат на еминентни ликови од историјата. Преку таа „санктификација“ или „хероизација“ на историските ликови се продолжува со конструирањето на историјата (ibid.:79).

> Доколку некој политички географ ги исцрта сите граници на европската карта, поставувани во текот на историјата, би се добила густа мрежа на линии кои меѓусебно се пресекуваат и укинуваат... Тие наликуваат на џиновско клатно кое се движи непрестајно и

исцртува линии, менувајќи ја насоката на своето движење (Стојковиќ, 2002:52).

Создавањето на задоцнети национални држави во источниот дел на Европа налагало нужност од создавање на национален идентитет, процес во кој голема улога одигрува доживувањето на историјата. Минатите настани се искористуваат, се реинтерпретираат, се измислуваат на нов начин, се бираат и отфрлаат, играјќи значајна улога во создавањето на културни системи. „Актуелизацијата на историјата“ се одвива преку деконструкција на минатото, односно систематско отстранување на фактите, симболите и општествените дејствија кои се поврзуваат со „мрачните“ времиња и реверзибилност на настаните т.е. „враќање на работите во состојба какви што биле некогаш“, со цел да се надмине периодот доживуван како фатална грешка (Џордано, 2001:88). Овој процес може да се препознае во Источна и Средна Европа и се повторува во зависност од историските околности. Така, по Втората Светска Војна во овој дел на Европа, според социјалистичкиот модел се преземале низа активности со кои ќе се стави крај на остатоците од „мрачното минато“ и кои ќе ја забрзаат модернизацијата, како што се: аграрната реформа со колективизација на имотите преку селските задруги, урбанизација на аграрното население, социјалната обнова и уништување на буржоаски градби, создавање на homo sovieticus преку политиката на асимилација и прогонот на малцинствата. Доколку социјалистичкиот дискурс за историјата се темелел на „селективна деструкција на минатото“ тогаш по падот на берлинскиот ѕид во 1989 година, со промените во сфаќањето на историјата, се забележува „реверзибилноста на настаните“, односно се подразбира идејата дека тешкото минато може и треба да се избрише како да не постоел тој период. Социјалистичкото толкување на минатото е прогласено за лага во функција на режимот, а социјализмот како фатална грешка. Најголем број политички, економски и општествени реформи во Источна Европа после 1989 година се во согласност со принципите на „реверзибилност на настаните“. Голем број случаи (критериуми за националност, рушење на статуите на Ленин, менување на имињата на улиците, денационализација на земјиштето) сведочат за славното претсоцијалистичко минато.

Актуелизацијата на минатото е незамисливо без познавање на историјата, при што станува збор за селективно, кондензирано знаење. Различните облици на знаење или „когнитивен капитал“ создаваат различни видови на историска сензитивност, која се кристализира во различни ставови кон исти настани. Јазикот во официјалните разговори, телевизиските извештаи и секојдневните разговори ни укажуваат на различното доживување на настаните во Косово од страна на Албанците и Србите, а такви примери има премногу помеѓу претставниците на поранешните југословенски републики. Постоењето на различни искуства и очекувања ги зголемуваат разликите во културите и придонесуваат за интеркултурните недоразбирања.

Националната држава и етничкиот идентитет

Разјаснувањето на улогата на етничкиот фактор во интеркултурните процеси е невозможно без појаснување на концептот на националната држава и нејзините социолошки импликации. „Нациите како природен, божји начин на класифицирање на луѓето, како вродена ...политичка судбина, се мит; национализмот којшто понекогаш ги прифаќа претходните култури и ги пресоздава во нации, понекогаш просто ги измислува и често им ја затира трагата на претходните култури: тоа е вистина“ (Хобсаум,1993: 18). Не може секој да припаѓа на националната држава, бидејќи, социолошки гледано, претставува сојуз или здружување кое само во ограничен вид е „отворено кон надвор“ (Вебер,1956; види: Џордано, 2001:209). „Отворањето кон надвор“, односно кон „другиот“ или „странецот“, доведува до создавање на механизми (државјанство и националност) за одредување кој припаѓа, а кој не на таа заедница. Преку концептот на граѓанство националната држава појавува тенденцијата за униформираност на својата популација.

Континентална Европа разликува два модела на национална држава околу кои се конструирани националните држави, француски и германски, кои како идеални типови никогаш не се појавуваат во реалноста. Националната држава, според францускиот модел, е резултат на „политички договор“ меѓу граѓаните, при што религиозниот и етничкиот принцип немаат големо влијание. Како што вели Монтескје „Јас сум нужно човек, а Французин сум само случајно“ (ibid.:209). Но, во 19 век овој концепт се релативизирал, со воведување на етничкиот фактор, односно потребата да се докаже припадноста на нацијата преку усвојување на етно - културните критериуми: јазик, обичаи, специфичен начин на живот и сл. „Субјективното поимање“ на националноста (Ренан - поседување на заеднички големи карактеристики, желба повторно и повторно да се негуваат) им оставало можност на „странците“ да се асимилираат, односно прилагодување на различните идентитети, преку процесите на акултурација, за надминување на разликите и нивно вклопување во францускиот концепт на граѓанство. Тоа поаѓа од идеалот за етнокултурна хомогеност во рамки на „една и неделива“ територија. Наспрот „отвореноста“ за прифаќање на „другиот“, овој модел се карактеризира со слаб сензибилитет за етнокултурните разлики, што резултира со систематско игнорирање на малцинствата (ibid.:209).

Германската верзија, како етнички модел го става акцентот на категориите родослов и заедничко потекло, а нацијата се објаснува, во стилот на Фихте, преку „објективните критериуми“ и делењето заеднички карактеристики. Етнизацијата на поимите „народ“ и „нација“ во Германија во прво време се работа на образованите класи, а употребата на етничкиот дискурс во институционалното поимање на нацијата дошло подоцна, во 1913 година, со воведување на принципот jus sanguinis. Врз основа на овој принцип, по падот

на железната завеса, голем број доселеници од Источна Европа и Централна Азија добиле државјанство. Критериум за нивното полноправно членство во државата бил доказот за поседување барем еден предок кој во минатото се иселил од Германија (врз основа на потекло, родослов). Од друга страна, втората и третата генерација на работничката имиграција од турско, италијанско или друго потекло, без разлика на одличното владеење со јазикот и прифаќањето на културата, сепак остануваат „странци“ поради неисполнување на „објективните критериуми“. Иако израснати во Германија тие мораат да пројдат низ процес на натурализација, додека доселениците кои поднесуваат доказ за далечни генеалошки врски добиваат државјанство автоматски.

Разликата помеѓу овие два концепта се состои во тоа што францускиот модел, заснован на „субјективното поимање“ на националноста кое дозволува променливост на идентитетот, ги прифаќа „странците“ и нивната различност дури кога ќе се асимилираат, кога ќе го напуштат или отфрлат првобитниот идентитет, додека германскиот модел, кој се заснова на типично етнички дискурс за „објективните критериуми“ на припадност, ги прифаќа „странците“ во етнокултурен поглед, но носителите на тие разлики се исклучени од државјанството. Според тоа, како што вели Џордано (2001), малцинствата во Европа стојат помеѓу чеканот на одрекување на идентитетот и наковалната на исклучување (ibid.:214).

Со пропаѓањето на Османлиското царство во првата половина на 19 век започнал процесот на постепеното формирање на национални држави во Централна и Источна Европа. Нови држави се формирале на Балканот со остварувањето на целосна независност на Грција (1822), Србија (1878), Романските кнежества (1859 и 1878) и Бугарија (1878 и 1908). Потоа со распадот на Хабсбуршката Монархија, Руската Империја и Германското Кралство се забележува „забрзување на историјата“. Во периодот на 1912 и 1920 година територијата на ЦИЕ се разгранува и се создаваат нови нации. Албанскиот државен сојуз е создаден меѓу 1912 и 1914, а по Првата Светска Војна наеднаш се создадени низа нови независни држави: Чекословачка. трите балтички држави, Кралството СХС, повторно обединета Полска и Унгарија, одвоена од Австрија. Во почетокот на деведесетите години, со распаѓањето на СССР, Чекословачка, Југославија се случува тогаш целосно неочекувано создавање на нови држави. Заедничко за овој процес на формирање држави во регионот, во текот на еден и пол век, претставува изборот на националната држава како модел, комбинирајќи ги принципот на француската држава, една и неделива, со етничкиот поим на народ од германско потекло. Централизмот со круто поимање на етничката припадност е добра основа за исклучување и дискриминација на „другиот“, присилна асимилација, протерување, геноцид, секојдневно шиканирање од околината и сл. Карактеристично за земјите од ЦИЕ е присуството на бројно доминантен етнос кој тежнее за културно - политичка надмоќ, искажувајќи ја во

секојдневните интеретнички односи. Таквата политика не им остава многу простор за избор на другите етнички групи, така што тие се принудени или да асимилираат или да се спротивстават, при што често произлегуваат вооружени етнички конфликти. Иронијата е дека при создавањето нови држави како одговор на доминацијата на нечиј друг национализам се содржани истите параметри на создавање национална држава со таа разлика што малцинската етничка група сега е доминанатна, додека претходно доминантната етничка група сега е малцинска. Меѓутоа, можноста за недоразбирања, неприфаќање и одбивање постои и во рамки на една етничка заедница. Низата примери во историјата на протерување и „размена на население“ ни покажува колку може да биде големо чувството на отуѓеност меѓу „своите“, како и колку е голем јазот меѓу нив што оневозможува воспоставување успешна комуникација.

Меѓутоа мора да напоменеме дека нискиот степен на сензибилност за етно - културните разлики не секогаш доведува по автоматизам до дискриминација и маргинализација на странските групи кои не припаѓаат на титуларните нации. Пред Втората Светска Војна, во Естонија и Летонија, како мултикултурни општества, каде живееле различни народи во јазичен, културен и религиозен поглед било докажана можноста за толерантен и респектибилен живот едни покрај други, но тоа било живеење со стаклен ѕид меѓу нив. Таа дистанцирана, но релативно опуштена атмосфера наоѓа потврда во фактот дека балтичките Германци, најголемото малцинство во Естонија и Летонија, по нејзината независност во 1918/1919 г. не се иселиле во голем број, туку заедно учествувале во изградбата на националната држава.

Државите во ЦИЕ во денешно време се похомогени отколку пред стотина години. Знаеме дека предуслов за интеркултурната комуникација е хетерогеноста на општеството, културниот контакт. Долгорочните промени кои довеле до таквата етничка состојба произлегуваат од стремежот кон моноетничка државност што доведува до „глувотија“ на државите за убавината на различното.

Вклученост на малцинските етнички заедници

Од етно - социјален аспект државата е политички сојуз на граѓани – државјани кои на основа на низа стекнати или припишани особини се признаваат за членови на одредена држава, во која не може секој да припаѓа. Државјанството и националноста претставуваат два основни правни инструменти преку кои се дефинира кои етнички идентитети се признаваат / не се признаваат во општеството. Државата, преку поставувањето на националната идеологија, тежнее да постигне културно единство на своите граѓани. Постоењето на граѓани кои не се чувствуваат културно претставени во

државата и оневозможени да ги практикуваат основните права ги објаснува шансите за конфликт. Со својата концентрација на моќ мнозинството може да ги дефинира законите, вредностите, нормите, на кој начин влијае врз односот кон дистинктивните заедници, кон „другите“. Според тоа, малцинството не се дефинира како прашање на бројност, туку како недостиг на моќ. Неопходно за одредување на малцинствата се и субјективните димензии (заедничките вредности и верувања). Малцинставата и странците се „outsiders“ на „замислената заедница“ воспоставена од доминантниот национализам. Постои цела низа начини на кои малцинствата се вклучуваат во политичките заедници, од нивна асимилација, доминација и скратување на политичките права или прифаќање на идеологијата на мултикултурализмот, додека малцинствата како што вели Алфред Хирчман имаат три можности: излез, глас или лојалност. “Овие разлики во начинот на инкорпорација влијаат на природата на малцинските групи и видот на односите кои сакаат да ги остварат во пошироките рамки на општеството“(Кимличка, 1995,11, 2001:143).

Заклучок

Да се вратиме таму каде што започнавме и да ја разјасниме конфликтната ситуација, претставена преку сликата на Талин, која веројатно немаше да се случи доколку не стануваше збор за крајно компликувани интеретнички односи. Во објаснувањата врз основа на примерот на Балтикот, нема да се враќаме назад во преднационалниот период, кога регионот се одликува со секојдневие, во кое мешавината народи „мирно живее еден покрај друг“, „сегрегирана коегзистенција“. Зачетоците на овие конфликти може да ги идентификуваме во процесот на русификација, на крајот на 19 век, но уште повеќе во советизацијата на Балтикот и создавањето на homo sovieticus, како симбол на хомогенизиран модерен човек. Исходот на овој процес, кој се одвивал преку иселување на балтичките Германци, депортирање на политички неподобното локално население и населување на советски граѓани од централните републики на Русија, бил етничко насилно преобликување на целиот регион. Со воспоставувањето на независноста на балтичките држави, ова искуство, доживеано како колективна траума, довело до пораст на желбата за „реверзибилност на историјата“, односно воспоставување директна врска со времето пред социјализмот. „Актуелизацијата на историјата“ се одвива преку деконструкција на минатото (систематско реинтерпретирање, измислување на нов начин, бирање и отстранување на фактите, симболите и општествените дејствија кои се поврзуваат со „мрачните“ времиња) и „реверзибилност на историјата“ односно „враќање на работите какви што биле некогаш“, со цел да се надмине периодот доживуван како фатална грешка која треба да се заборави (критериуми за националност,

рушење на статуите на Ленин, менување на имињата на улиците, денационализација на земјиштето). Оваа интерпретација на блиското минато доведува до бришење на сите сведоштва што се поврзуваат со времето на социјализмот и до сфаќањето дека враќањето назад во историјата во едно претсоцијалистичко време ќе придонесе за успешност на транзицијата (Џордано, 2001:220).

Голема улога во целиот историски процес на воспоставување национален идентитет во балтичките држави има лингвистичкиот критериум. Јазикот е инструмент за восприемање на светот во кој живееме, нашето место и улогата во него и нашиот однос и разбирањето на „другиот". Лингвистичките процеси во општеството се индикатор на многу општествени процеси. Така, преку лингвистичката унификација го согледуваме стремежот на националната држава за постигнување културна хомогенизација под велот на еднаквоста на граѓаните. Таквите процеси може да бидат болни за малцинските групи и исходот од ваквата акултурација да значи загуба на традициите и културната автономија на етнички дистинктивните заедници. Таков е примерот со балтичките држави, каде со политиката на русификација, летонскиот и естонскиот јазик речиси да биле заборавени, додека со стекнувањето на независноста обратниот процес ја лишува големата руска заедница од своето основно право, употребата на јазикот. Истовремено дошло до радикално и строго отстранување на двојазичните патокази, улични написи и фирми, затворање на руските училишта, односно секој дури и најмал траг кој потсетува на руското кирилично писмо и минатите педесетина години.

Националната држава тежнее да воспостави унифицираност во своите граници, притоа запоставувајќи ги сите „туѓинци". Тоа го воспоставува преку механизмите на вклучување и исклучување, односно националноста и државјанството. Со контроверзниот закон за државјанство во балтичките држави според принципот jus sanguinis, им се оневозможува регулирање на статусот на руските доселеници, оние кои пристигнале по Втората Светска Војна. Денес една третина од населението во балтичките држави се лишени од државјанство, исклучени од цивилното и пазарно општество и од сите политички права, на кои лицемерно им е дадена дозвола за постојан престој и посебен пасош со што се обележуваат како граѓани од втор ред, на кои не им преостанува ништо освен повторна миграција во татковината или целосно асимилирање во „титуларната нација".

Појавата на нови национални држави по 1989 година, на територијата на Средна и Источна Европа, ја нагласува важноста на етничко – лингвистичкиот критериум, според кој се „замислувала" националната заедница и се креирал националниот идентитет. Поставувањето на националната идеологија преку стремежот за културно единство се спротивставувал на несомнениот факт дека во рамки на нејзината територија, на чија светост во голема мера се полага, постојат повеќе етнички идентитети или како што вели Гелнер

„потенцијални национализми“ чија „културна граматика“ не се вклопува во матрицата на националната идеологија. Тој процес не минал никаде без конфликти, изразени во помала или поголема мера, како реакција на болните процеси на трансформација кои им се наметнуваат на малцинските групи.

ETHNIC DIMENSION IN INTERCULTURAL COMMUNICATION

Summary

Ethnicity is important princip of political organization and identity construction in modernity. "Ethnic revitalization" in the end of last century, has proved concurrent role of ethnicity with economy and culture. Ethnic dimension of identity is often a source of intercultural misunderstandings and conflicts. The concept of intercultural communication implies dialogue, inclusion, mutual acceptance and acknowledgement of otherness.

***Key words**: ethnic identity, nation state, intercultural communication, ethnic minority, acculturation, reversibility of history, actualization of history.*

Литература

1. Eriksen, T.H. *The cultural context of ethnic differences* MAN, The Journal of Royal Anthropological Institute, 26/1, March 1991.
2. Андерсон, Б. 1998 *Замислени заедници: размислувања за потеклото и ширењето на национализмот* Скопје: Култура.
3. Билефелд У. 1998 *Странци: пријатељи или непријатељи* Белград: Библиотека XX век.
4. Гелнер, Е. 2001 *Нациите и национализмот* Скопје: Култура.
5. Коковиќ, Д. 1997 *Пукотине културе,* Белград: Просвета.
6. Стојковиќ, Б. 2002 *Идентитет и комуникација,* Белград: Чигоја штампа.
7. Хобсаум, Е. 1993 *Нациите и национализмот по 1780: програма,мит, стварност* Скопје: Култура.
8. Џордано, К. 2001 *Огледи о интеркултурној комуникации,* Белград: Библиотека XX век.

316.344.4(09)

Асс. м-р **Бошко КАРАЏОВ**

ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР: ИСТОРИСКИ ФАКТ ИЛИ ТОЛКОВЕН МОДЕЛ

Пеколот, тоа се Другите! Оставете ги луѓето да живеат заедно, еден покрај друг и ќе создадат таков Пекол пред кој ќе бледнее и фантазијата на Данте.

Ж. П. Сартр

Апстракт

Оваа статија ја истражува теоријата за општествениот договор како решение на следниве политолошки прашања: кои се причините што го условиле изворното умно и слободно човеково суштество да премине од живеење во еднаквост кон организација на заедничкото суштествување со нему сличните по моделот подреден - надреден, кои корени или околности придонеле луѓето да се организираат низ историските модалитети на стабилизација на покорноста, зошто рационалното суштество ја создава својата политичко-правна организациска константа во доброволна послушност и избрана принуда!? Нашето истражување на овој образец кој нуди објаснување на поставените проблемски загатки, а најчесто науката за политиката го нотира како "контракционизам" ќе покаже дека идеја за спогодбеноста како политичка архетипика не е исклучиво врзана за нововековните ангажмани на Лок, Хобс и Русо, но едновремено и низ нивната анализа ќе се обиде да одговори дали општествениот договор реално некогаш историски можел да се случи или тој е само правно-политолошка теоретска модел-конструкција за објаснување на природата на политичкото, власта, легитимитетот и праведноста!?

***Клучни зборови**: контракционизам, конвенционализам, стипулација, предполитичко, постполитичко, општа волја, супримација, стабилизација на покорност, суверен, неутрална инстанца, институт на присила, општествен договор итн.*

Воведение

Политичката пракса и вообичаен вглед во фактографскиот материјал на политичките и општествените искуства низ историјата може несомнено да ни го посочи основниот политички однос, поточно самата супстанцата на ***политичкото.*** Таа се сосредоточува во неминовноста од прото-релациите: владетел(и) - владеани, управувач(и) - управувани, одлучувач(и) - оние за кои се одлучува, натчинет(и) – потчинети или надреден(и) – подредени. Без ***потчинувањето*** нема нуту држава, ниту власт и моќ. Со оваа социоонтичка дијареза (подреден-надреден) секоја заедница станува политичка заедница. Токму затоа филозфијата на политиката трагајќи по постојаност во постоечкото, по Истото во историски Различното доаѓа до *метафизичкиот ентитет на политичкото*. Со други зборови, да се говори за политика значи да се говори за стабилизација на покорност, потчинување, дисциплинирање, владеење или супримации од секаков вид.

Но од друга страна засилените антрополошки истражувања на петрифицираните општества во изминатиот век недвосмислено посочија дека во архаичните заедници елементарната слоевитост не претпоставува по себе супримациска релација во форма на "институт на присила". Перзистенцијата ја одржува биолошката потребата (Малиносвки), структуралниот склоп (Клод Леви Строс), светото и митот (Илијаде), тотемот или табуто (Фројд), но не и одделен предодреден авторитет од внатре. Регулативната перистола е трансномна, дотолку повеќе што отсуствува секаква плеонексија.

Несомерливоста на историски супримацискиот со предполитичкиот анархизмичен концепт не води кон една загатлива филозофска недоумица содржана во прашањата: што може да биде причина едно изворно, умно, природно и слободно суштество, кое живеело во услови на еднаквост, без субординација да го усвои моделот на интеракционизмот врз основите на односот: потчинет-натчинет? Кои ***корени и околности*** придонеле луѓето општествено-политички да се организираат според поредокот: владетел(и)-владеан(и)? Зошто тие потпишале "декларација" за доброволно ропство или ако оваа боесијанска метафора е пресилна, тогаш фромовски срочено: "зошто човекот по природа бега од слободата"!? Како се појавува вертикалната распределба на социјалните позиции и општествените улоги? Зошто рационалното суштество ја креира својата политичка константа во избрана послушност и доброволна принуда?

Историјата на политчката филозофија е историја на обидите за одговор на овие политолошко гранични прашања. Увереноста во класичниот патријархален модел и неговата аксиолошка поставка потчинувањето да го толкува како последица на исполнувањето на функциите во интерес на семејството и семејните вредности методолошки затајува кога треба објаснувачко соочување со покомплексните општествени структури. Просветител-

ските концепти "сила" и "јуридиктивна персонификација" се *post hoc* експликациски поставки. Тие доаѓаат по воспоставувањето на подреденоста и во теоретска и во хипотетички реалната кондиција. Марксовата поставка за класната диференцијација врз основа на материјалните животни релации која генерира социјална и политичка нееднаквост и нужна институција како заштитник на подреденоста пак во есенцијални составки реферира на примордијалната противречност надреден(и) – подреден(и).

Но во средето на сите овие концептуализации се наоѓа еден образец кој нуди објаснување на поставените проблемски загатки, а најчесто науката за политиката го нотира како "теорија за општтевениот договор" или "контракционизам". Ова иследување ќе покаже дека контракционата идеја не е исклучиво врзана за нововековните ангажмани на Лок, Хобс и Русо, но едновремено низ нивната анализа ќе се обиде да одговори дали општтевениот договор реално некогаш историски можел да се случи или тој е само правно-политолошка теоретска модел-конструкција за објаснување на природата на политичкото!? ***Поедноставно, дали договорот е факт, норма, прескрипција или епистемолошко- методолошка алатка!?***

Дијахронија на контракционата идеја

Начелно контракционата идеја стипулира толковен наратив дека луѓето се откажале од претпоставениот егалитет, ја замениле слободата за покорноста и доброволно влегле во генерирање авторитет (крал - монархија, совет - олигархија, мнозинство- демократија) со целесообразна намера да се создаде и задржи општтевениот поредок и личниот егзистенцијален комодитет во него.

Контракционизмот учи дека прифаќањето на нееднаквоста потчинет-потчинувач е неопходност која ги решава тешкотиите во природната состојба и која ја создава неутралната инстанца која ќе го стандардизира поведението по разум и страсти. Значи прифаќањето на нееднаквоста всушност претставува воспоставување општтевен договор за содавање организиран закон и поредок, така што несигурностите од природната состојба ќе се заменат со предвидливоста на познатите закони. За да се обезбеди животот, здравјето, слободата или сопственоста на човекот неопходна е неутралната инстанца што може да пресуди во оние ситуации во кои спротиставените на можат да се согласат и што може со сила да ја изврши правдата. Мора да се создаде натчинет, супримациски политичко-социолошки ентитет на кој ќе му се биде подреден во легислативна смисла, односно да се создаде Авторитет, Суверен или Држава.

Најстаритот запис во кој имплицитно можеме да воочиме ингредиенти од контракционата поставка е индиската Махабхарата во која владетелот Бишма вели:

> ... се чуло и почуло, од дамнина од старите, дека во време невреме и безредие кога било сал рушење стално имало и секој секого проголтувал како поголемата риба на помалата што и прави. Се чуло и почуло, дека неколкумина тогаш се збрале и **[општествен – додавка на авторот Б. К]** договор сочиниле велејќи – оној кој ќе биде остар на јазик, или насилен во делата, или оној кој ќе ги заведува или напаствува жените на другите или ќе граби по туѓото за навек ќе биде отфрлен од нас. Доверие тие така сотворија кај сите луѓе, па направија **[општествен – Ibid.]** договор и поживееа некое време.[1]

Слични поставки на идејата за општествениот договор воочуваме во *Digha Nikaya* (Долгите говори) кои се дел од Пали Канонот на Тераванда Будизмот. Се смета дека тоа се зборови на самиот Буда, а датират од третиот век пред Христа. Во нив се вели:

> ...се собраа заедно и низ плач велеа: господарите не казнуваат за нашите лоши дела...крадењето, забраните, лажењето...но што ако ние требаше да избереме одредено суштество кое разбеснето со негодување и лутина ќе го забранува она што треба да се забрани и ќе го осуди она што треба да се осуди!? ...ќе му дадеме количество ориз и од сите луѓе ќе биде избран.[2]

Во западно-евроспката политолошка мисловна традиција среќаваме аргументативни сличности со контракционата идеја во Платоновиот дијалог *Критон* каде пријателите го наговараат Сократ да избега од затворот пред извршувањето на смртната пресуда. Главниот аргумент на Платоновиот Сократ за неговата одлука до крај и фатално по себе да ги почитува атинските закони е едно контракционо стојалиште во смисла штом ги ползувал плодовите на живеењето во рамките на атинските закони скоро целиот свој живот, тогаш, макар преќутно, сме го прифатил општествениот договор т.е. јаремот на локалните закони и следствено на тоа неможеме сега да ги напушти начелата на законикот, иако тие се спротивни на нашиот сопствен интерес.[3] Да бидеме искрени, уште Аристотел ја воочи наивноста на оваа аргументација, па кога бил обвинет од Атињаните за асебеја и

[1] *The Mahabharata*, Book 12: Santi Parva, sec. LXVII, translation by Kisari Mohan Ganguli, published between 1883 and 1896.Online version: <http://www.bharatadesam.org/Mahabharata/m12/m12a066.htm> (сите преводи од англиски јазик се на авторот Б. К.)

[2] *Digha Niyaka*, III, 93. Translation in *Sacred Books of the Buddhists*, IV, p.88ff, cited in Thapara, Romila, *The Past and Prejudice*, Patel Memorial Lectures, New Delhi: Publications Division, 1973, p.41.

[3] Платон, *Критон*. Скопје: Култура, 1983, стр. 51-70.

македонфилија не пропуштил да избега недозволувајќи им Атињаните по втор пат да и згрешат на филозфијата.

Платон во *Политеја* во втората глава реферира на одреден начин за постулатите контракционата теза, но не така благонаклоно. Глаукон на прашањето на Сократ "што е правдата" лесно објаснува дека таа по природа е плод на општествениот договор.

> ...по благодетно е да се договарат едни со други да не прават неправда и да не ја поднесуваат. Од ова започнува да се воспоставуваат закони и меѓусебни **[општествени – Ibid]** договори....тоа е генезата и суштината на праведноста; таа е помеѓу две крајни нешта: меѓу најдоброто нешто: ако правиш неправда да не поднесуваш казна, и најлошото: ако претрпиш неправда да си беспомошен да се одмаздиш! ...праведното во суштина е меѓу овие две нешта, така што тоа се посакува не како некое добро, туку како оценка дека се нема сила да се извршува неправда [4]

Секако Сократ во дијалогот не се согласува со контракционата теза на Глаукон и се обидува да покаже дека праведното е вредно по себе.

Недвосмислено експлицитни поставки на теоријата за општествениот договор можат да се екстрахираат од сентенците на Епикур познати под целината *Kuriai Doxai* (Начелни мненија) во кои правдата следи секогаш од (општествениот) договор. Епикур во сентенците од 32 до 35 вели:

> Животните кои не се способни за сочинување спогодби [договори] меѓу себе...немаат праведност или неправедност. А и оние племиња кои меѓусебе нема да сотворат заеднички спогодби, не се нималку поразчлични од нив. Не постои апсолутна правда, туку само договор направен од подобни групи. Невозможно е една личност која, макар и тајновито, ќе прекрши член од општествениот договор да се чуствува пријатно и самуверено дека ќе остане неоткриена...[5]

Ако ги споредиме древните идеи за општествениот договор на староиндиските и старогрчките мислители во нивните доксографии може да воочи една суптилна дистинкција која по каквост ќе ги подредува како есенцијално поинакви контракциони тези од новевековните идеи на Хобс, Лок и Русо. Со експозицијата на класичните теории за општествениот договор ова разликување ќе стане појасно, но првично може да напоменеме дека античките идеи и нивното разбирање на правдата, праведноста, потчинетоста, доброволното здружување е повеќе одреден општествен конвенционализам, отколку контракционализам.

---

[4] Платон, Политеја, 359 b

[5] Epicurus *Principal Doctrines*. Translated by Robert Drew Hicks in: The Internet Classics Archive ed. Daniel C. Stevenson, < http://classics.mit.edu/Epicurus/princdoc.html >

Имено, нововековниот контракционизам смета дека во основите на Договорот е ***објективноста*** на природното право, додека стариот контаркционизам претпоставува дека непроменлив темел на Договорот е ***субјективноста*** на спогодбите и согласностите на самите стипулатори. Оваа протагоријанска позиција епитомички врамена во приложените грамики поедноставено дава објаснувачки примат на субјективната одлука за согласување над одредената објективност на поттиците, мотивите, целите или потребите.

Објективистичката состојка или идејата за природното право нововековните класици на теоријата за општествениот договор ја превземаат од Хугенотите и нивните списи, како и од језуитот Франциско Суарез кој прв говори за природно право, но секако во друг контекст како рестриктивна реалност за *божественото право* на апсолутната монархија.

Пред да се фокусира созерцанието на политичката мисла во прашањето за доброволаната покорност, пред да се сообразат политичките теории за создавањето на државата и природата на праведноста, пред да заживееат концептуалните метафори за страшниот Левијатан или прачовекот кој забивајќи стап крикна "ова е мое" мораше новевековните корифеи на политолошката ноема да се втурната во размисла за општествената организација и системите на управување и одлучување. Со други зборови, мораше моралот и политиката да се расудуваат на теориското рамниште, а природата на задружувањето и стабилизацијата на покорноста да се промилси во идејата за исполнување на доброто. Феноменот на подреденоста и праведноста од неговата етичка небесност беше симнат во овдете на практичното, но и суштинското прашање - зошто се случува драговолната покорност!?

Оваа теоретска промена на еуристичката парадигма на политолошките иследувања се случи со Макијавели и неговиот мисловен ангажман. Неговата мала книшка "Владетелот" веднаш предизвикала контроверзи и наскоро бива осудено и проколнато од папата Климент VIII. Идејата дека владетелот треба да оствари апсолутна контрола на својата територија и дека треба да се користи со сите расположливи средства за остварување на поставената цел и тогаш и денес е пресвртнички момент во кој се влива политолошкиот вглед.[6]

Најпознатата изрека која сегде можеме да ја чуеме и при тоа му се припишува на Николо Макијавели е сентенцата **"целта ги оправдува сретствата"**. Но извесно е дека таа не е формулирана од него, а сосема е проблематично дали така недвосмислено може да се екстрахира од неговите поставки во *Владетелот* и посистематскта и филозфско-историски повтемелената *Расправа за првите десет книги на Тит Ливиј.*

[6] Во почетокот се сметало дека Владетелот е политичка сатира за апсолутизмот на Борџија со која иронично се покажува некорекноста на апсолутизмот, но оваа интерпретација паднала во вода кога во 1810 било откриено едно писмо од Макијавели во кое јасно вели дека го напишал Владетелот за да им се допадне на Медичи фамилијата која ја сметал за единствена која можела да ја ослободи Италија од влијанијата на надворешните управи.

Овој факт во политолошката херменевтика отвори можност за уште една интерпретација.[7] Контрарно на толкувањето на Макијавели како апологет на апсолутизмот и уверувач во начелото дека општествените постапки треба да се водат според политички исплатливото без разлика дали тоа подразбира аморално управување се етаблираше толковната структура дека Макијавели не ја испуштил од вид евдамонијата (општото добро и политичко-општетвената среќа) кога говори за принципите на владеењето. За овој ренесансен мислител секоја политичка турболенција произлегува од природата на луѓето.

Макијавели сугерира дека при политичкиото одлучување владетелот не треба да се раководи според моралните принципи. Морално добриот владетел може да и нанесе непоправлива штета на државата.[8] Од друга страна, немилосрдниот и жесток владетел како Чезаре Борџија кој во пресметките со своите противници се служел со верокршење, подлости, отрови, убиства и сл., за Макијавели прави добро затоа што ја зацврстува државата. Така кај него имплицитно се среќава озогласениот принцип "целта ги оправдува сретствата"[9] во релација со доброто на државата за која нема зло пред кое владетелот треба да застане.

Најдобрата форма на политичката организација мора да ја има во предвид човековата природа која за него е таква да човекот по природа е зол, себичен и безобзирен кога се во прашање неговите интереси. Затоа владетелот треба да располага со неограничена власт за да ја заузди оваа природна состојба и да ја присили да дејствува сообразно со доброто на општеството. Па затоа може подобро да се каже дека позицијата на Макијавели е разбирлива во следнава формулација: **целта кон добро ги оправдува средствата.**

Врз основа на ова можеме да тврдиме дека со Макијавели не настанува конечно разделување на моралот и политиката, туку евдамонијата од индивидуално се трансцидира кон колективното, од единката кон државата, од егзистенцијата кон колективниот дух. Моралот останува во политичката дејност, но е автореферентен. Државата треба да биде морална ако и само ако таа е објект на номиката од етичкото вдејствување. Тој прилично добро насетува дека крволочноста од предполитичкото единствено се превозмогнува со авторитетот и апсолутноста на "мечот" во политичкото.

Неслучајно терминот "држава" во повеќето балкански јазици (секако и македонскиот) доаѓа од глаголот "држи", по што етимолошки и номинално се гледа суштината на државата да биде обезбедувач на презистенцијата

[7] Спореди; Ферид, Мухиќ, *Логос и хиерархија,* Круг, Скопје, 2001.
[8] Н.Макијавели, *Владетело,* Култура, Скопје, 1993, стр. 105-109.
[9] Принцип првично и експлицитно е поставен од попот Игнасио Де Мигел, основачот на језеутскиот ред кои денес популарно, сосема некритички и злонамерно се нарекува "Гестапо на Католичката црква".

(држење, одржување) на етаблираните социо-политички и општи општествени односи. Во современата англосаксонска литература и во јазиците кои исходија од латинскиот се користи терминот ***"the state"*** или состојба под влијание на Макијавели кои во **Il principe** (1531) го постави италијанскиот термин **lo Stato** [од средновековниот лат. status 'сталеж'] и успеа да го наметне наспроти традиционалните антички и средновековни латински изрази во означувањето на институцијата која ја нарекуваме на македонски "држава".

Во следнава табела можеме да ги проследиме термините и изразите кои се користеле низ историјата за да се означи институцијата за одржување на перзистенцијата на социо-политичките односи:

Античко време	**Среден век**	**Нововековен период**
pÒlij -	Regnum	lo Stato
politikÒj	res publica	the State
pol…thj	civitas	l'État
polite…a	imperium	der Staat
	dominium	

Класични теории за општествениот договор

Ова воведение во поставките на Макијавели беше неопходно бидејќи трасирањето на политолошата мисла на нововековието беше направено токму преку неговите проблемси инстаурации. Имено се отворија дилеми: дали без Макијавелистичкото начело (во било која од изложените две форми) е возможен политички и државен *commonwealth* (општо добро), дали е возможна една RES PUBLICA (заедница на политичко - јавната сфера која промовира добра управа за општо добро) со рестрикција на сретствата за таа цел, дали е возможна државата како евдамонија, едноставно дали е нужно политичкото Зло (пеколот) за обезбедување на политичкото Добро (рајот)!? Кој треба да биде крајниот ползувач на доброто - државата или единката!?

На овие темелни прашања се јавува Хобсовиот Левијатан како прва книга со општа политичка теорија напишна на јазикот на земјата која во тие децении искусувала револуции, граѓански војни, реставрации и други политички премрежја кои барале една теоретска рефлексија. Хобс тому тоа го

прави во неговата теорија за општествениот договор.[10] Веднаш ги отфрла идеите деа човекот по природа е општествено битие кое тежнее кон здружување. За него, човекот е егоист кој тежнее само кон самоодржување на својот живот. По телесна и духовна природа луѓето се еднакви, вели Хобс, па затоа тие природно ги посакуваат истите нешта. Таа доаѓа до отворен судир за истите нешта и создавање на непријателството, па следствено и војна. Природната состојба е состојба во која човек на човека е волк и во која секој претставува потенцијална опасност за другиот и природно се раѓа страв и војна на секој против секого. Во природната состојба нема приватна сопственост, нема праведност, а човековиот живот е беден, суров и краток. На природната состојба спротивен и природниот закон. Хобс покрај есенцијалниот егоизам и антрополошата аксиома вметнува и обдареност со разум на политичкото суштество кое доаѓа до едноставната поставка дека за да преживее подобро е да се потпре на разумот, отколу на нагонот. Категоричкиот императив на "не го прави она што не сакаш да ти го прават другите" како еден од природните закони на човекот е остварлив само и само ако апсолутната слобода во природното право се ограничи. Самото ограничување претставува создавање држава или потчинетост. Хобс постулира дека државата, а со тоа и супримацијата и субординацијата се создаваат врз основа на општествен договор меѓу самите контрактори кои решаваат да му креираат и предадат власт на одредениот Суверен кој е обврзан да ги штити своите подредени. Суверенот е консеквенса на Договорот, како што и подредеността и државата се последици на создадената власт и моќ на Суверенот.[11]

Исто и Лок во *Двете расправи за владата* започнува со анализата на природната состојба. Сакајќи да ја разбере суштината на политичкиот живот Лок прави една анализа на потчинувањето велејќи:

> "…за да правилно се разбере политичката моќ и за да се изведе од сопствениот избор неопходно е да ја разгледаме природната состојба на луѓето, а таа состојба на совршена слобода да постапува како што се сака, да се располага со сопствениот имот и личноста, како што ќе најде за згодно, без да бара дозвола или да зависи од кој и да е друг човек". [12]

Клучниот белег на овааа природна состојба за Лок е т.н. ***природен закон***, а тој е изведен од фактот што луѓето располагаат со инструмент наречен "разум". Во суштина Лок инсистира да се дојде до позицијата дека животот на луѓето во природната состојба и животот во организираната државна заедница во основа е ист затоа што разумот подучува дека токму поради таа природна еднаквост и слобода "никој не смее да им наштети на животот, здравјето, слободата или сопственоста на другиот". Ова е

[10] Види; T. Hobz, *Levijatan*. Beograd, Kultura, 1961.
[11] Ibid., str. 45-53.
[12] J.Locke, *Two Treatises of Government*, p. 106-107.
<http://socserv2.mcmaster.ca/~econ/ugcm/3ll3/locke/government.pdf>

природниот закон на Лок кој и дополнително дефинира што е правда, а што неправда, а така и го авторизира правото на бунт и бранење на секој кој е оштетен и нападнат, да има право (природно) да се одбрани. Но оваа ретрубутивна позиција врз основа на слабостите и тоа: прво, таквиот закон не е доволно јасен и поимлив за секого[13], второ, отсутствува неутралната инстанца што може да пресуди во оние ситуации во кои спротиставените на можат да се согласат и трето, оштетената страна во условите на природниот закон не е секогаш доволно силна за да ја изврши правдата, поточно да го реализира самиот природен закон. Затоа врз основа на природниот закон и врз основа на идеите како може да се надградат и решат овие недостатоци Лок извлекува политичка позиција велејќи:

> "луѓето бргу ги согледуваат лошите услови во кои се наоѓаат при природната состојба и неоткажувајќи се од привилегиите на таа природна состојба, преминуваат во организирано општество". [14]

Прифаќањето на нееднаквоста и интеракционизмот: потчинет-потчинувач според Лок е неопходност која ги решава недостатоците, но дополнително и неопходност која овозможува на оштетената страна да го реализира природниот закон, неопходност која ќе ја создаде неутралната инстанца и неопходност која ќе го стандардизира поведението по разум и страсти. Значи прифаќањето на нееднаквоста всушност значи воспоставување ***општествен договор*** за содавање организиран закон и поредок, така што несигурностите од природната состојба ќе се заменат со предвидливоста на познатите закони. Неутралните институции кои ќе имаат доволна моќ одлуките да се спроведат, а законите да се применат. Едноставно кажано за да се обезбеди животот, здравјето, слободата или сопственоста на човекот (природниот закон) мора ***договорно*** да се конструира закон и поредок и инстанца која ќе го спроведува.

Но општествениот договор по кој настанува државата за Лок е според ***добрата волја или ветената верба*** што народот ја вложува. Некогашните слободни суштества стануваат граѓани во теоретскиот миг кога договорно одлучуваат да најмат луѓе кои во нивно име ќе ја вршат работата на заштитата на природното право. Контракционата аксиома на Лок се гледа токму од фактот што за него во државата сите видови на институционална политичка моќ се подредени на законодавната власт, а извршната власт дури нејзе директно потчинета. Државата е едноставно наемен работник. Преминот од природна состојба кон држава за Лок е означен со откажувањето од правото да се спроведува природниот закон самостојно – заради низа прак-

[13] Луѓето не се водени од еднаков разум, ниту пак се водени само од разумот. Личните интереси и страстите на човекот интервенират во општественото живеење спротиставувајќи се во директни конфликти.
[14] J.Locke, ibid., p. 108

тични тешкотии и неостатоци – и таа рабора да му се довери на еден дел од општеството. Оштетениот наместо сам да го спроведува природниот закон, ќе задолжи одреден сегмент од општеството за да го прави тоа во негово име. Во името на народот. Не случајно денес во судската пракса се користи фразата: "во името на народот".

За разлика од Хобс кој сметаше дека откажувањето мора да биде целосно препуштање на правата на суверенот Лок смета не не е неопходно целосно откажување од правата. Целта на договорот според Лок не е да се создаде суверенот. Хобс го одрекува правото на граѓанинот да ја откаже послушноста кон суверенот, освен доколку треба да го спасува голиот живот, така што кај Хобс граѓанинот има само должности, а суверенот само права. Но Лок сосеме спротивно постулира дека народот ги поседува правата, а владата (управата) "како извршител ги има само должностите, дефинирани од интересите на народот, кои воедно е нарачател и корисник, а не извршител".

Врз овој елемент од својата верзија на ***општествениот договор*** Лок го изведува правото на народот не само да ја откаже послушноста, туку и да ја смени владеачко-управувачката гарнитура секогаш кога не е задоволен од работата и секогаш кога извршителот сака да примени некаков сопствен концепт. Овој концепт е многу близок до идеалната концепција за човековите права, односно до одредено општество достојно за човекот.

Жан Жак Русо во неговата верзија на општествениот договор тргнува од две суштински претпоставки: првата, во природната состојба сите се еднакви и нема форми на потчинување, обврска и власт и втората, нарушувањето на природната состојба или создавањето власт и држава е плод на измамничкиот општествен договор и воведувањето нееднаквост која е нехумана и неприфатлива.[15] Затоа Русо во егалитаристички занес велеше "назад кон изворите". Слободарски егалитаризам на Русо е нужен поради измамничкиот општествен договор. Тој за разлика од другите контракционалисти смета дека сопствениците (богатите) врз наивноста на измамените се договориле да ја создадат институцијата која ќе ја одржува перзистенцијата, т.е. нивниот сопственички и владеачки комодитет. А не како кај Хобс и Лок заедно сите патиципиенти на општествениот живот. Неговата контракционата теза за едностраната измама како причина за настанокот на државата и нужноста од обештетување на измамените, подредените, потчинетите е

[15] Види; Rousseau, Jean-Jacques. *The Social Contract, or Principles of Political Right* (1762) < http://ebooks.adelaide.edu.au/r/rousseau/jean_jacques/r864s/>

темелот на сите социјалистички, комунистички и анархистички политички идеологии.[16] .

Русо во крајот на книгата вели дека не е против државата и владеењето, не е против подреденоста и потчинетоста, дека сосема е спротивно на законите на природата будалите да управуваат со умните, децата со возрасните. Ја легитимира супримацијата ако и само ако таа изразува реална супериорност. Па така државата е сретство за окови, но и природна творба кога изразува реални супериорности.[17] Од друга страна Русо ја воведе идејата за општата волја, наспроти волјата на сите. За него општата волја не може да биде порекната од поединецот, таа е израз на апстракната општа слобода. Русо од апотеоза на индивидуалната слобода премина кон фалоспев на општата волја и општата слобода. Штом единката нема можност да се противи на општата слобода, тогаш таа е принуден да стане слободен. Кај него општата волја станува одредувач на слободата. Русо во однос на нужноста на ослободувањето го подзаборава поединецот и вели: *својата слобода човекот ја должи на законот*. Со ова Русо влегува во конформизам. Од романтичарскиот занес за еднаквоста до конформитетот кон општата слобода.

Денес откако се доведовме во позиција сами да можеме да ги бираме политичките репрезенти секое самонанесено политичко зло е имуно на универзално теоретско оправдување. Капацитетите кои ги потрошија контракционистите да покажат дека суверенот има право "да сече глави" сега е беспредметно да се трошат како теоретска јустификација за владетел кој можеме да го смениме. Иако партиципативните капацитети на либералната демократија како систем на политичка репрезентација се подвргнати на преиспитување во ракмите на политичката медиологија, електоралниот бихејвиоризам, персуазивниот PR или во рамките на теоријата за политичките мануфактури на Херман и Чомски, сепак она што Русо го приложува е во најголема мера е исполнето во модерните демократски општества.

Неговиот контаркциони исходишта завршуваат во прилично практична политичка филозфија. Во *Општествениот договор* вели: "...специфична предност на демократската власт е што може да биде воспоставена со едноставен акт на општата волја. [гласање]… Не постои друг легитимен начин за воспоставување на власт без почитување на овие принципи.[18] Во поглавје 18 зборува за тоа како „извршната власт не е господар на народот,

[16] Подетално за ова види; А.Баруци, Вовед во нововековната политичка филозофија. Аз буки, Скопје, 2006., J. Christman, Social and political philosophy. A contemporary introduction, London & New York. 2002., J. Wolff, An introduction to political philosophy, Oxford 1996.

[17] Мухиќ смета дека оваа контрадикторна позиција е доктрнарна недоследност на системот на Русо, види: Ф. Мухиќ, *Логос и хиерархија,* Скопје, Круг, 2001, стр. 125-127.

[18] Jean-Jacques Rousseau, *The Social Contract, or Principles of Political Right* (1762) виси во: 17 поглавје *Government in General* < http://ebooks.adelaide.edu.au/r/rousseau/jean_jacques/r864s/>

туку слуга, и дека тој (народот) може да ја основа и менува кога сака, не се работи за договор помеѓу нив, туку за служење (на интересите на народот),,. При крајот спомнува како „периодичните собири свикани со цел да се спречат или одложат евентуалните (но извесни) обиди на „Принцот„ да го узурпира авторитетот на Суверенот (односно општата волја по терминологијата на Русо) се неопходни за да може да се одржи во живот општествениот договор.

При секое нивно свикување нужно е да се гласа по две точки: а) дали е во интерес на Суверенот да се задржи сегашната форма на власт и б) дали Народот е задоволен со таа администрацијата и понатаму да им биде доверена на оние кои во моментот се задолжени за тоа. Очигледно е дека овде Русо зборува за добрите демократски избори и тоа во најрепубликанска форма, иако и неговата слободарска мисла врамена во историските прилики на неговото време не веруваме дека била толку широкогледа за да би признала универзално право на глас на сите граѓани (иако не се изјаснува по ова прашање). Доктринарната недоследност за која зборува Мухиќ (ем државата е средство за окови, ем таа е природна кога изразува реални супериорности) е само недоследност во интерпретацијата. Државата на Русо потчинува само тогаш кога општата волја е потчинета. Но во држава каде општата волја суверено владее дозволено е да постојат реални подреденост (како децата и родителите, умните да управуваат со будалите, но притоа служејќи им на нивните интереси). За таква држава Русо не вели ниту дека воопшто некогаш постоела.

(За)клуч-ок

На ***прашањето*** дали општествениот договор реално некогаш историски можел да се случи или тој е само правно-политолошка парадигма која е теоретска модел-конструкција за супсумптивно објаснување на природата на политичкото можеме да поставиме три одговор-позиции. Првата, дека договорот историски можел да се случи. Општествен договор како што во 17 век го сфаќале филозфите, во смисла дека примитивните предполитички единки кои до тогаш живееле во природна состојба (etat de nature) еден убав сончев ден се собрале околу своевиден “стоунхенџ” и рекле: ајде да се договориме да избереме Суверен - е вонредно наративна конструкција. Нејзината нагледна раскажувачка експликација нè води кон помислата дека е возможно таквиот договор да претставува историски миг. Вообичаено во политолошката херменевтика се разповргнува позицијата за историската реалност на општествениот договор. Во смисла дека, ниту Русовата измама е историска, ниту контрактот на содејствениците кај Лок и Хобс е историски случен миг. Несомнено се верува во позицијата дека

раѓањето на општеството е многу повеќе приказна за потчинување, отколку за договарање.

Другата позиција е дека општествениот договор е експликативен модел или објаснувачка логичка конструкција. Посебно создадена за разбирање на природата на државата. По едноставно срочено, супримацијата е разбирлива како последица на соопштенијата од исказите на теоријата на општествениот договор. Во овој контекст логичката анализа покажува дека теоријата има улога на објаснувач на реалните политички состојби. Или контракционата парадигма е всушност теорија за објаснување на генезата, настанокот и природата на државата како институција.

Од трета страна се поставува и позицијата за нормативната компонента на теоријата за општествениот договор која обезбедува рационална подлошка на историски битната забелешка дека легитимноста на државниот авторитет мора да биде извлечена од согласноста на владеаните. Оваа позиција дека теоријата на општествениот договор не е факт, ниту експликациски модел, напротив своевидна нормативна карактеристика на социјалните содружување е се почесто позиција во која се сосредоточува теоретската дилема за гносеолошкиот статус на оваа политолошка теорија.

Но ние сакаме да поставиме една холистичка рецепција во смисла дека разликата/сличноста помеѓу теоријата за општествен договор (во било која форма) и теоријата за евдамонијата се во еден вид (пре)слика на врската помеѓу општествен договор како факт и како норма. Впрочем, не е докажано дека pre-social contract момент постоел во реално време и простор и тогаш се повеќе се прифаќа дека е контракционизмот е норма, но таа норма се стреми политички да не социјализира дека е потребен таков општествен договор за да можеме да се исхраниме, преживееме, заштитиме, поточно за да постигнеме задоволство и среќа. На овој начин зарем не се поистоветуваат двете горе наведени теоретски гледишта – историското и нормативното!? ***Општествениот договор е дидактичка политичка алатка.***

Охридскиот договор е нашиот општествен договор со кој создадовме етнички Суверен(и) и во име на сигурноста и спасот од хобсијанската природната состојба. Се откажуваме од нашите права како volonté générale, па вклучително и правото да го натераме Суверенот да понесе одговорност. Нашата политички погубна позиција е што го разделивме Суверенот на два дела од кој кон едниот немаме никаков граѓански пристап, ниту можност да побараме одговорност. Контаркционистите остануваат добри политички читанки и за нашето разбирање на нашите современите политички собитија.

Summary

This article is an examination of the theory of social contract like a solution of the following political questions: what are the reasons that rational and original conditioned human beings can move from living in equality to a community that relies on supremacy; what kind of circumstances contributed that people should organize in model of stabilization of obedience; why rational creatures create their political and legal organization in constant voluntary obedience and chosen coercion? Inquiry of this theory that offers an explanation of the problem will show that: the idea for the agreement as a political archetype is not exclusively tied to engagements of Locke, Hobbes and Rousseau. At the same time and through this analysis we will attempt to answer whether the social contract actually, historically could ever happen or is it only politically – legal theoretical model for an explanation of the nature of the politics, power, legitimacy and justice.

Key words: social contract theory, supremacy, stipulation, postpolitical, general will, stabilization of obedience, sovereign, neutral instance, institute of enforcement

Книгопис

А) Иворници

1. *The Mahabharata*, translation by Kisari Mohan Ganguli, published between 1883 and 1896. Online version <http://www.bharatadesam.org/Mahabharata/m12/m12a066.htm>
2. *Digha Niyaka*. Translation in *Sacred Books of the Buddhists*, IV, p.88ff, cited in Thapara, Romila, *The Past and Prejudice*, Patel Memorial Lectures, New Delhi: Publications Division, 1973.
3. Платон. *Политеја*. Скопје: ТРИ, 2002.
4. Платон, *Критон*. Скопје: Култура, 1983, стр. 51-70.
5. Epicurus *Principal Doctrines*. Translated by Robert Drew Hicks in: *The Internet Classics Archive* ed. Daniel C. Stevenson. < http://classics.mit.edu/Epicurus/princdoc.html >
6. Макијавели, Николо. *Владетелот.* Култура: Скопје, 1993.
7. Hobz, Tomas. *Levijatan*. Beograd: Kultura, 1961.
8. Locke, John. *Two Treatises of Government* 1632-1704 < http://socserv2.mcmaster.ca/~econ/ugcm/3ll3/locke/government.pdf>
9. Rousseau, Jean-Jacques. *The Social Contract, or Principles of Political Right* (1762) < http://ebooks.adelaide.edu.au/r/rousseau/jean_jacques/r864s/>

Б) Толковници

1. Александров,Г.Ф. *История на западноевропейската философия.* София: Издателство на българската работническа партия. 1947.
2. Баруци, Арно. *Вовед во нововековната политичка филозофија.* Аз буки, Скопје, 2006.
3. Christman, John. *Social and political philosophy. A contemporary introduction*, London & New York. 2002.
4. Dunn, Jonh. Locke. *The British Empiricists.* Oxford: Oxford university press, 1992,61-85.
5. Hegel, Georg Fridrih Vilhem. *Istorija Filozofije*. t.III. Beograd: BIGZ, 1983.
6. Мухиќ, Ферид. *Логос и хиерархија.* Круг, Скопје, 2001.
7. Koplston, F. *Istorija filozofije. Moderna filozofija.Britanski filozofi*. t.V. Beograd: BIGZ, 2001.
8. Petronievič, Branislav. *Istorija novije filozofije*. Beograd: Nolit, 1982.
9. Petrović, Gajo. *Engleska empiristička filozofija.* Zagreb: NZMH,1983
10. Корет, Емерих и Харолд Шъондорф. *Философия на XVII и XVIII.* София: Издателство "ЛИК", 2001.
11. Скрутон,Роџер. *Кратка историја модерне филозофије*. Београд: Народна књига-Алфа, 1998.
12. Uzgalis William. "John Locke" article in: *Stanford Encyclopedia of Philosophy*, < http://plato.stanford.edu/entries/locke/>
13. Wolff, Jonathan. *An introduction to political philosophy*, Oxford 1996.
14. Windelband, Wilhelm. *Povjest filozofije*. t. II. Zagreb: Naprijed, 1978.

32(091)(4)„19“

Асс. м-р **Македонка РАДУЛОВИЌ**

КОНЦЕПТОТ НА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ ВО РМ

Задоволството на граѓаните од јавното здравство

Апстракт

Истражувањето го анализира концептот јавно здравје во Република Македонија, кој во услови на современо и комплексно живеење има големо влијание врз здравјето на луѓето. Квалитетот на здравството е појдовна основа за здраво население и остварување на јавното здравје во државата. Тргнувајќи од ова сознание, изработена е студија која го оценува јавното здравство и квалитетот на услугите кои ги нуди. Трудот претставува презентација на резултатите од студијата.

***Клучни зборови**: јавно здравје, јавно здравство, здравствени услуги, цели, реформи.*


Вовед

Проблемите на современото и комплексно живеење водат кон се поголем број болни луѓе, особено со психички заболувања. Светската здравствена организација е соочена со шокантно голема потрошувачка на психолекови во сите земји. “Денес се проценува дека 1,5 милјарди луѓе страдаат од некое психичко пореметување”. (Cockerham, 1978:219). Покрај психичките болести, ракот, срцевите заболувања, мозочните удари и сидата се сериозни закани по здравјето на луѓето.

Во Република Македонија луѓето најчесто страдаат од циркулаторни и малигни заболувања. Според, Светскиот здравствен извештај за 2003 година циркулаторните болести се водечка причина за смрт во Македонија, со удел од скоро 57% од вкупниот број на смртни случаи во 2004 година. Стандардизираната стапка на смртност (ССС) од циркулаторни болести на 100,000 жители се зголеми од 527/100,000 во 1991 на 599/100,000 во 2003 година. Тука посебно се уздвојува мозочниот удар. Вкупниот морталитет од малигни неоплазми како втора најзначајна причина за смрт исто така се зголеми во изминативе десет години, и тоа од ССС 140/100,000 во 1991 на 165/100,000 во 2003 година. Повредите и труењата се трета најчеста причина

за смрт. Респираторните болести го заземаат четвртото место, при што на бронхитисот, емфиземот и астмата отпаѓаат повеќе од 60% од овие смртни случаи. Болестите на ендокриниот систем ја претставуваат петтата најчеста причина за смрт.

Слика 1. Стандардизирани стапки на смртност (ССС) за сите возрасти за одбрани болести на 100,000 жители.



Црвена боја: 1320 ССС, болести на циркулаторниот систем, сите возрасти на 100,000 жители;

Зелена боја: 1520 ССС, малигни неоплазми, сите возрасти на 100,000 жители;

Сина боја: 1720 ССС, надворешни причини (повреди и труења), сите возрасти на 100,000 жители;

Жолта боја: 1830 ССС, болести на респираторниот систем, сите возрасти на 100,000 жители;

Виолетова боја: 1870 ССС, болести/нарушувања на ендокриниот систем/исхраната/метаболизмот кои го вклучуваат имунолошкиот механизам, сите возрасти на 100,000 жители (www.who.com)

Токму затоа здравјето на луѓето добива се поголема вредност за луѓето и развојот на неговиот квалитет треба да биде главна перспектива на секоја земја.

АНАЛИЗА НА ПРОБЛЕМАТИКА

Јавното здравје, според, International Federation of Red Cross, се определува како унапредување на здравјето и превенција на болеста преку организирани активности на општеството во целина (Health and human rights).

Поимот јавно здравје честопати се изедначува со поимот јавно здравство. Сепак концептот на јавно здравје е поширок поим и освен здравствениот систем вклучува повеќе категории меѓу кои поединецот и државата. Саркањац смета дека општиот став за здравјето во нашата земја е погрешен. "Здравјето кај нас не се смета за 'маркер на успешен развој на едно општество', туку, само на квалитетен здравствен систем, па од таму не ни може да се прави разлика меѓу јавното здравје и јавното здравство" (Саркањац, 2008:65)

Разлика меѓу концепцијата за јавно здравје и фактичкото јавно здравство треба да постои. Според него "Концепцијата за јавното здравје ги разгледува здравјето и болеста како социолошки, политички и културни феномени и фактички не е уште заживеана, додека јавното здравство какво што е денес во Македонија, многу повеќе ако не исклучиво се потпира на биомедицинската и епидемиолошката парадигма" (Ibid, 21).

Главните цели на јавното здравје се:

- Здравје на целата популација;
- Унапредување на здравјето;
- Спречување болести.

Додека десет основни задачи се:

- мониторинг на здравствениот статус за да се идентификуваат здравствените проблеми;
- дијагностицирање и истражување на здравствените проблеми и опасности за здравјето во заедницата;
- информирање, едуцирање и давање поголема моќ на луѓето во врска со здравствените прашања;
- мобилизирање на соработки (партнерства) во заедницата за откривање и решавање на здравствените проблеми;
- развивање политики и планови кои ги поддржуваат напорите на поединците и на заедницата во врска со здравјето;
- спроведување на законите и регулативите за заштита на здравјето;
- поврзување на луѓето со соодветни здравствени служби и обезбедување пристап кон здравствена нега;

- вреднување на ефикасноста, пристапноста и квалитетот на здравствените служби;
- истражување за да се стекнат нови увиди и решенија на здравствените проблеми

(Public Health Functions Steering Committee, 1995)`

Јавното здравје во Република Македонија како концепт сеуште не е доволно развиено и ретко се употребува. Иако се работи на исполнување на некои од целите кои се наведени и како цели на Јавното здравје сепак тоа не е доволно.

РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО


Здравствените услуги се во директна корелација со јавното здравје. Токму затоа, за потребите на овој труд е изготвено квантитативно истражување врз 150 испитаници кои одговараат на прашања поврзани со задоволството/незадоволството на пациентите во Р. Македонија од квалитетот на здравствените услуги.

Целна група на истражувањето се граѓаните на Република Македонија, независно од нивниот пол, возраста, верската припадност или социјалниот статус. Студијата е изработена со прашалник кој содржи четиринаесет прашања кои се однесуваат на здравствените услуги кон пациентите. Анкетираните лица одговараа со потврден/ негативен одговор, или со отценка од еден до пет каде што еден е налошата, а пет најдобрата отценка. Анкетираните лица се случајни минувачи во околината на Клиничкиот центар во Скопје.

Дискриптивна статистичка анализа на анкетата/студијата:


Од вкупно 150 анкетирани личности, 147 анкети се успешни и 3 се неуспешни и не се земени во обзир затоа што анкетираниот/та одговорил негативно на прашањето бр. 4.Од 147 анкетирани 63 односно 44,1% се мажи и 80, односно 55,9% се жени. (слика 2.)

Слика 2.




Старосната граница на анкетираните се движи меѓу 18 и 63 години. Најголем број од анкетираните припаѓаат во возрасната група од 36 до 44 години и тоа 29,4%, а најмал во групата од 55 до 63 години (8,4%). Останатите проценти се распределени вака: 15,4% -18 до 26 години, 23,1% - 27 до 35 години и 23,8% во групата од 45 до 54 години. (слика 3.)

Слика 3.




Од 147 анкетирани дури 131 т.е. 91,6% се од Скопје а само 6 т.е. 8,4% се анкетирани кои не живеат во Скопје. (слика 4.)

Слика 4.



Многу е интересен податокот дека од 147 анкетирани дури 87 т.е. 60,8% имаат посетено приватна здравствена установа во последните година дена. (слика 5.)


Слика 5.



Очекуван беше ставот на пациентите т.е. релативно високото ниво на незадоволство од понудените услуги во јавните здравствени установи. На прашањето "Дали сте задоволни од вработените во јавните здравствени установи (поликлиники, клиники, клинички центар...?) поточно медицинскиот


персонал и нивниот однос кон вас?", дури 67,1% од анкетираните одговориле дека не се задоволни, во однос на 32,9% задоволни пациенти. (слика 6.)

Слика 6.



За споредба да го погледнеме задоволството т.е. оценките кои пацинтите ги даваат за хигиненските услуги во јавните здравствени установи каде 1 (единица) е најлошата оценка а 5 (петка) најдобрата оценка. 35,7% од испитаниците хигиенските услови ги оцениле со најлошата оценка 1 (единица), 24,5% со 2 (двојка), 27,3% со 3 (тројка), 8,4% со 4 (четворка) и само 4,2% одговориле со 5 (петка). (слика 7.)


Слика 7.



Доколку ги собереме негативните одговори по 1 и 2 ќе видиме дека вкупно 60,2% од испитаниците даваат минимални оценки за хигиенските услови во јавните здравствени установи. Ова е во перфектна корелација со 67,1% од пациентите кои не се задоволни од понудените услуги во јавните здравствени установи.

Следното прашање е поврзано со ставот на испитаниците во однос на техничката опременост на јавните здравствени установи. И тука се потврдуваат одговорите од претходните две прашања т.е. генерално е незадоволителна сликата. 44,1% техничката опременост на јавните здравствени установи ја оцениле со 1 (единица), 27, 3% со 2 (двојка), 20,3% со 3 (тројка), 4,2 со 4 (четворка) и 4,2% со 5 (петка). (слика 8.)


Слика 8.



Доколку ги собереме негативните одговори под 1 (единица) и 2 (двојка) ќе дојдеме до вкупно 71,4% од испитаниците кои даваат негативен став по ова прашање. Само 8,4% од испитаниците даваат позитивен став т.е. 4 (четворка) или 5 (петка) за ова прашање што релативно добро кореспондира со 12,6% од пациентите кои даваат добри оценки за хигиенсите услови во јавните здравствени установи.

Ако ги погледнеме ставови на испитаниците за опременоста на приватните здравствени установи каде повторно 1 (единица) е најлошата а 5 (петка) е најдобрата оценка. Најголем број анкетирани, односно 57,1% техничката опременост на приватните здравствени установи ја оцениле со највисоката оценка 5 (петка), 26,4% со 4 (четворка), 12,1 % со 3 (тројка), 4,4%. Немаме ниеден одговор со оценка 1 (единица) (слика 9.)


Слика 9.



Во овој случај добивме дијаметрално спротивна слика каде никој (0) нула одговори се со оценка 1 (единица). Ако за јавните здравствени установи вкупно 60% од испитанците даваа негативни одговори и само околу 10% оценуваа со (4) четворка и (5) петка во случајот на ПЗУ дури 57,1% одговараат со (5) петка за техничката опременост и 26,4% со (4) четворка. Вкупно 83,5% од испитаниците даваат високи оценки што е навистина одличен резултат кој им оди во прилог на приватните здравствени установи. Се работи за толку евидентна разлика која го потврдува ставот дека приватизација во јавното здравство ќе допринесе за поголемо задоволство на пациентите.


Доколку разговараме за односот кон пациентот во јавните здравствени установи ги добиваме следниве резултати. Испитаниците одговорија вака: 28% односот го оценија со 1 (единица), 23,8% со 2 (двојка), 30,8% со 3 (тројка), 9,8% 4 (четворка) и 7,7% со 5 (петка). (слика 10.)

Слика 10.




Од друга страна е ставот за односот кон пациентот во приватните здравствени установи. Во овој случај 67,3% анкетирани односот кон пациентот го оцениле со 5 (петка), 19,8% со 4 (четворка), 12,9% со 3 (тројка). Ни еден од испитаните не дадоа оценки 2 (двојка) и 1 (единица). (слика 11.)

Слика 11.



Ако од овие два графикона направиме еден т.е. ги споредиме резултатите ќе го добиеме следното:


Слика 12.



Графиконот горе (слика 12.) ја покажува дијаметрално спротивната ситуација при оценувањето на односот кон пациентот во приватните здравствени установи (плава боја) и јавните здравствени установи (црвена боја).

Студијата оди во крајност и испитува дали пациентите сметаат дека "пациентот страда" во јавните здравствени установи како резултат на севкупно лошите околности (негрижа, лоши услови итн.). Од вкупниот број анкетирани пациенти, 89,5 % одговориле потврдно, а 10,5% негативно на ова прашање. (слика 13.)

Слика 13.




Одговорите се загрижувачки. Дури 89,5% од пациеинтите сметаат дека "пациентот страда" во јавните установи како резултат на севкупно незадоволителните услови вклучувајќи негрижа, недостаток на опрема, лоши хигиенски услови и така натаму.

Ова е еден од главните индикатори кој покажува дека промените се неопходни. Бројките и неможат да бидат полоши од овие и претпоставката дека имплементирањето на европските правилници во здравство ќе доведе до подобрување на резултатите е повеќе од евидентно. Навистина треба да не се случи никаква промена, никакво подобрување за процентот на оние кои сметаат дека пациентите страдаат во јавните здравствени установи да се зголеми на над 90%.

Во прашањето бр. 12 пациентите ја оценуваат снабденоста со лекови во Р. Македонија. Интересно е дека во овој случај оценките се многу позадоволителни во однос на самото лекување во јавните институции на здравствениот систем. Снабденоста на лекови ги доби следниве оценки: 25,2% 1 (единица), 25,2% 2 (двојка), 30,1% 3 (тројка), 11,9% 4 (четворка), 7,7% 5 (петка). (слика 14.)


Слика 14.



И за ова прашање има практично 50% на незадоволни но има 30% кои дававаат средна оценка и скоро 20% на задоволни кои одговориле со (4) четворка или (5) петка. Доколку Р. Македонија некаде има направено прогрес, тоа е во делот на снабдување со лекови т.е. воведување референтни цени, прекинување на стариот систем на тендерирање итн. Овој дел на здравството дефинитивно има подобра просечна оценка во однос јавните здравствени установи.

Претпоследното прашање се однесува на севкупното чувство за напредокот на здравствениот систем во Р. Македонија во последните две години. 42% одговориле дека чувствуваат напредок во здравствениот систем на земјата, додека 58% не го чувствуваат тој напредок. (слика 15)


Слика 16.



Претпоследното прашање се однесува на севкупното чувство за напредокот на здравствениот систем во Р. Македонија во последните две години. 42% одговориле дека чувствуваат напредок во здравствениот систем на земјата, додека 58% не го чувствуваат тој напредок.

Последното прашање се занимава со намалувањето на цените на лековите кое беше активирано на 01.01.2008 година. Од тогаш до периодот на подготовка на оваа анкета изминаа повеќе од 6 месеци. Пациентите имаа време да ја почувствуваат оваа реформа. Ова се нивните ставови: 53,1% одговориле дека го имаат почувствувано намалувањето на цените на лековите, а 46,9% сметаат дека не купиле поефтини лекови. (слика бр, 23)

Слика 17.



Заклучни согледувања

Резултатите од истражувањето покажуваат дека граѓаните во Република Македонија, главно се незадоволни од јавното здравсто и квалитето на услугите кои ги нуди, за разлика од приватното здравство кое беше оценето многу попозитивно.

Меѓутоа воведените реформи во одредени сегменти на јавното здравство, предиизвикуваат позитивни реакции. Одговорите на граѓаните претставуваат директен показател дека одредени активности на Владата на Република Македонија во областа на здравствената политика носат со плод. Повеќе од половина од пациентите го имаат почувствувано намалувањето на цените. Оваа студија не се занимаваше со прашањето кои пациенти ја почувствувале промената, меѓутоа може со голема сигурност да се очекува дека тоа се хроничните болни пациенти кои навистина се добро запознаени со цените кои ги плаќаат за лековите кои редовно ги примаат.

За да се подобри сликата за јавното здравство во РМ треба да се продолжи со реструктуирање на јавните здравствени установи или нивна приватизација и децентрализација. Реструктуирање подразбира инвестиции и детално реновирање, поставување стандарди и мерни точки за мерење на перформансите на вработените т.е. стручните кадри и нивна мотивација за максимален ангажман спрема пацинетот

и да се подобри квалитетот на здравствените услуги и да се обезбеди еднаков и рамноправен пристап за сите граѓани.

Меѓутоа, мора да се работи и на подигање на свеста на општеството за значењето на концептот јавно здравје.

Во моментов сликава е негативна. Јавното здравје не е вклучено во општествените активности на нашето општество,не се земаат во предвид влијанијата на економските, политичките, културните фактори, нема развиено соработка меѓу разни сектори, институции и организации и нема доволно инвестиции во оваа област. Одвојувањето на финансиски сретства за јавното здравје од страна на ФЗО изнесува нешто повеќе од 1 € по жител и е многу ниско во споредба со примерите на меѓународно ниво. Од друга страна приходите од Министерството за здравство и од други владини извори за активности во јавното здравје се занемарливи. Да се изврши комплетна реорганизација на здравството со цел да се отстранат недостатоците како бирократизацијата, нефлексибилноста, неефикасноста итн. Да се намалат непотребните трошоци, а да се инвестира во нова технологија и обука на менаџментот.

Ваквата ситуација од една страна и дефиницијата на Јавното здравје која го определува како концепт врз кое влијае општеството во целина, од друга страна ни даваат јасна слика зошто Јавното здравје во Република Македонија сеуште не е постои во вистинска смисла. За да почне да се развива потребно е да се сфати неговата суштина и целокупниот општество да почне да учествува во активностите на јавното здравје, зошто сепак јавното здравје е одговорност на државата.

Подобрувањето на јавното здравје во Европските земји се третира како важен сегмент во развојот на здравството во поширока смисла. "Кај нас концепцијата за унапредување на јавното здравје се ограничува на краткорочни проекти зад кои нема системска и државна сеопфатна и континуирана стратегија. Сето ова говори дека јавното здравје доправа треба да го најде своето место во РМ" (Саркањец, 2008:46). Имајќи го обзир ова мислење, Република Македонија мора да воведе реформи кои ќе се однесуваат на јавното здравство, да се ангажира за развивање на сеопфатно организирање на јавното здравје и на тој начин да обезбеди полесен начин на справување со болести, подобро здравје и со тоа и подобрување на квалитетот на живот и продолжување на животниот век.

CONCEPT OF PUBLIC HEALTH IN THE RM

PEOPLE SATISFACTION FROM THE PUBLIC HEALTH SYSTEM IN THE RM

Summary

Modern living makes the concept of public health, an important factor, which influence people's health. Quality of health system necessarily means better health in the society and signifies the under standing of the concept "public health". According to this view point, this article presents research study on the topic "People satisfaction from the health services in the Republic of Macedonia". The results from the answers show dissatisfaction from the experience of using health services and incomprehension of the essence of public health.

Key word: health, public health, public health system, goals, reforms.

Литература

1. Вајденфилд, Веселс, *Европа од А до Ш*, Европска Унија, 2002.
2. - Донев, *Значење и потреба за менаџмент на одделни нивоа*, Министерство за здравство, Скопје 2004.
3. - Костовски, Саркањац, *Социологија на медицината*, Филозофски факултет, Скопје, 1999.
4. -Милевска- Костовска, *Права на пациентите во Југоисточна Европа*, Централно-европски универзитет, Будимпешта, 2005.
5. Милевска- Костовска, *Нови насоки: Безбедност на пациентите*, Охрид, 2007.
6. НВО "Еуро-еко" *Водич низ ЕУ,* Верано, Скопје, 2004.
7. Петковски, Алексовска, *Здравствен менаџмент,* Херакли комерц, Битола, 2004.
8. Саркањац, *Јавно здравје и здравствена реформа*, Филозофски факултет Скопје, 2008.
9. Стефановска, Чавдар, Исајловска, *Пациентите во Македонија со права по европски стандарди,* ФИООМ, Скопје, 2004.
10. Annas, *The rights of patients,* Sothern Illinois University Press, 1989.
11. Cockerham, *Medical Sociology*, Prentice-Hall, Englewood Cliffs, 1978
12. Dimitrova, *West European Politics*, European integration Online Papers, 2007

13. -European Observatory on Health Care Systems Series, *Health protection system in tranzition,* European Observatory on Health Care Systems Series, Brusselsl, 2000.

14. European Observatory on Health Care Systems Series, *Hospitals in a Changing Europe,* European Observatory on Health Care Systems Series, Brusselsl, 2002.

15. Fairhurst, *Law at the European Union*, Pearson Education Limited, London, 2007.

16. International Federation of Red Cross "Health and human rights", New York, London, 1994.

17. Johnathen Mongomeri, *Health care law*, Oxford University Press, Oxford, 2003.

18. Kopetzki, Osterreich, *Regulation of civil low to safeguard the autonomy of patient at the and of their life,* Springer-Verlag, Berlin, 2000.

19. Leenen, Gevers, Pinet, *The right of patients in Europe,* Kluwer Law and Taxation Publisheres, Boston, 1993.

20. Markel, *Health policy of EU*, EU Commisson, Brusselsl, 2005.

21. Mackenney, Falberg, Andersen, *Supporting patient's rights and empowering citizens,* World Health Organization Office for Europe, 2001.

22. McKee, Maclehouse, Nolte, *Health policy anad Europian Union enlargement,* European Observatory on Helth Systems and Policies Series, New York, 2004.

23. Verheigen, *Enlargemant and health institutions,* EU Commisson, Brusselsl, 2002

32(091)(4)„19“

Помлад асс. **Мартин НИКОЛИЌ**

КРАЈ НА ИСТОРИЈАТА ИЛИ НОВ ПРЕДИЗВИК ЗА ЛИБЕРАЛНАТА ДЕМОКРАТИЈА

Апстракт

По падот на Берлинскиот Ѕид и згаснувањето на комунистичките режими, во политичката расправа се погласна станува позицијата дека борбата меѓу политичките идеологии е исцрпена. Според оваа позиција, чиј најгласен апологет е Френсис Фукујама, либералната демократија претставува конечен и најсовршен облик на политичко уредување во кое човекот ја постигнува својата политичка природа. Меѓутоа, со подемот и значењето кое во последно време го добиваат алтернативите на либералната демократија, се поставува прашањето дали тие не претставуваат антитеза на либералната демократија која најпосле ќе го сруши нејзиното основното јадро, и во согласност со хегелијанскиот дискурс, преку дијалектичка негација, ќе доведе до создавање на нови идеи, вредности и форми на политичко уредување. Во оваа студија ќе се обидеме да го прикажеме натпреварот помеѓу политичките идеологии обидувајќи се да дадеме одговор околу можноста за достигнување на конечниот облик на политичко уредување.

***Клучни зборови**: крај на историјата, политичка идеологија, дијалектика, историски материјализам, либерална демократија*

КРАЈ НА ИСТОРИЈАТА ?

Дваесетиот век беше обележан како век кој ги донесе најголемите политички потреси во историјата на човековата цивилизација. Двете светски војни, студената војна, подемот на фашизмот и национал-социјализмот, како и појавата на тоталитарните режими кои се задскриваа зад параванот на комунистичката идеологија, засекогаш го изменија светот во кој живееме, и неповратно ја поместија границата за способноста на човековата деструкција. Меѓутоа, 89-тата година од 20-иот век, слично како и истата година два века претходно, донесе нова надеж дека човештвото сепак не е осудено на пропаст, донесе верба која беше мотивирана од падот на комунизмот и конечната победа на либералната идеологија. Авторите кои припаѓаа(т) на либералната провениенција не чекаа многу да почнат да ликуваат и да го

прогласат триумфот уште пред да биде турната последната цигла од берлинскиот ѕид, кој со децении го делеше светот на „наши“ и „ваши“, „добри“ и „зли“, „комунисти“ и „капиталисти“. Еден од најгласните и најконтраверзните автори, апологети на либералната идеологија, беше Френсис Фукујама, политиколог и филозоф, кој прв објави крај на историјата на идеите прогласувајќи ја либералната демократија за конечен, но и најправеден облик на политичко управување со модерната држава.

Во овој текст, не ни паѓа ниту на ум да ја оспориме победата на либерализмот над комунизмот. Историјата веќе ја оконча таа борба и го прогласи победникот. Задачата која ја имаме пред нас е да ја оспориме тезата на Френсис Фукујама за крајот на историјата, и да се обидеме да понудаме аргументи кои ќе покажат дека либералната демократија допрва треба да се соочи со најтешките предизвици. Овие аргументи ќе се темелат на теориите на некои од најголемите филозофи, чиишто размисли не натераа да се посомневаме во крајот на историјата, но исто така, ќе бидат понудени и практични примери, односно конкретни држави во кои функционираат алтернативи на либералната демократија, како можен доказ дека борбата на идеите и понатаму продолжува...

1. КРАЈОТ НА ИСТОРИЈАТА И ПОСЛЕДНИОТ ЧОВЕК

Пред да започнеме со било каква анализа на делото кое предизвика толкава политичка и филозофска расправа, мислиме дека е коректно и исправно најпрво да ја претставиме неговата суштина.

Имено, во списанието *Национален интерес* [1], во летото 1989-та година, Френсис Фукујама објави есеј со наслов „*Крајот на Историјата?“*[2], во кој им ја фрли ракавицата на сите противници на либералната демократија велејќи : „ Она на што ние можеби сме сведоци не е само крајот на студената војна или минување на еден посебен период на повоената историја, туку крај на историјата како таква; ова е крајната точка на идеолошката еволуција на човештвото и универзализацијата на западната либерална демократија како конечна форма на човеково владеење“[3] . Овој цитат, веројатно претставува најубедлив почеток во било каква расправа за есејот, а потоа и книгата, која од зимскиот сон ги разбуди политиколозите но и филозофите, кои како одстрана да го чекаа исходот од студената војна и падот на комунизмот. Објавувајќи крај на историјата, и конечна победа на една идеологија (либералната демократија), Френсис Фукујама ќе предизвика лавина од реакции дури и од идеолошките истомисленици

[1] Списанието „The National Interest“ излегува два пати неделно во САД, и се занимава со теми од надворешната политика

[2] Francis Fukuyama, „The and of History?“ , *The National Interest* 16 (1989):3-18.

[3] Ibid., p. 4.

како што е неоконзервативецот Ервинг Кристол, издавачот на списанието *Национален интерес,* кој ќе напише дека не верува во ниту еден збор од сето она што го пишува Фукујама, но сепак неговата сјајна анализа не е лесно да се отфрли ниту пак да се побие.

Како и да е, постојат голем број на еминентни автори, кои го делат мислењето на Фукујама. Сите заедно ја делат истата воздишка поради падот на комунизмот – тој голем непријател на слободата. И веројатно се во право, либералната демократија на човека му нуди многу повеќе можности за самореализација. За разлика од било која друга политичка идеологија, таа го третира човекот како самостојна вредност, ги глорифицира неговите човечки права и слободи, и му ја гарантира можноста за учество во власта.

Но, да се навратиме на „Крајот на Историјата“. Во овој есеј, Фукујама тврди дека ширењето на потрошувачката (капиталистичка) култура во најголемиот дел од светот, како и будењето на политичкиот плурализам во Советскиот Сојуз и земјите од југоисточна европа недвосмислено укажуваат на „триумфот на Западот и на западната идеја“.

Меѓутоа, не се работи за никаква совршеност на либералната демократија, таа може да функционира и покрај постоењето на поголеми општествени недоследности и неправди. Ниту Фукујама нема „превез преку своите очи“[4] кога ги детектира овие болести во развиените европски држави и САД. Она во што овој автор е дециден, е дека борбата околу основните принципи на кои почива човековата заедница е завршена, бидејќи принципите кои ги промовира либералната демократија се прифатливи за секој поеидинец, и сосема одговараат со сфаќањето за човекот како рационално суштество кое слободно ги донесува одлуките во животот и се води од своите пермисивни вредности.

Според Фукујама, причината за пропаѓањето на сите претходни облици на владеење е поради тоа што сите тие се соочуваа со длабоки внатрешни противречности. За разлика од другите облици кои колабирале поради фундаментални недостатоци, либералната демократија е ослободена од базични внатрешни противречности. Но, Фукујама вели дека: „...тоа не значи дека денешните стабилни демократии, како Соединетите Американски Држави, Франција или Швајцарија, не се без неправди или без сериозни општествени проблеми. Но овие проблеми произлегуваат од нецелосното вградување на принципите на слобода и еднаквост врз кои се темели модерната демократија а не од недостатоци во самите принципи“ [5].

Токму во ова се состои неговиот„ крај на историјата“. Борбата околу основните принципи заврши, либерализмот се покажа како најуспешен да ги

[4] Се работи за политичко – филозофски концепт кој го воведува Џон Ролс. Подетално види во: Џон Ролс, *Теорија на праведноста*. Скопје, Слово, 2002.

[5] Френсис Фукујама, *Крајот на историјата и последниот човек*, Култура, Скопје, 1994, стр.5.

задоволи човековите реализаторски стремежи, но тоа не значи дека ќе нема развој на либералната демократија, туку тоа значи дека нема да постои друга кохерентна идеологија која ќе може да ги загрози историските придобивки на либералната демократија. „ Денес, тешко е да си замислиме свет кој е суштински различен од денешниот, а истовремено е подобар“ [6].

Ове е главната поента на тезата на Фукујама! Според овој автор, не постои повеќе натпревар помеѓу *големите идеи* (идеологии) а секоја наредна промена ќе се случува во рамките на постоечкиот систем (либералната демократија). Слично како што Маркс, пред повеќе од еден век, и предвиде крај на историјата, Фукујама го направи истото, но тука комунизмот е заменет со либералната демократија.

Во куси црти го изложивме концептот на „крајот“ на Френсис Фукујама, но сепак, она што предизвикува контроверза е интерпретацијата на „историјата“.

2. ПОИМАЊЕТО НА „ИСТОРИЈАТА“: НОРМАТИВНО – ТЕОРИСКИ АРГУМЕНТ

Првичното објавување на статијата „Крајот на Историјата“ во расправата ги вклучи и историчарите, што дополнително говори за колосалноста на делото на Фукујама, кое не се задржа само на политичко – филозофскиот терен, туку како еден вид на интелектуален вирус се прошири и во другите научни области.

Авторите кои ја проучуваат историографијата му забележуваат на Фукујама поради неговиот обид на истите да им стави крај. Проблемот сепак настанува ако не се сфати првичната намера на Фукујама, и пред се „ако не се сфати „историјата“ онака како што неа ја разбира Хегел“ [7]. Немајќи ја предвид хегеловата интерпретација на историјата многу луѓе би биле збунети, бидејќи тие обично историјата ја сфаќаат единствено како поврзан сплет на настани од типот на: паѓањето на Берлинскиот Ѕид, распаѓањето на Југославија, војната во Косово итн. Критичарите кои историјата ја сфаќаат како сплет од настани и во нехегелијански контекст го нападнаа Фукујама дека токму рушењето на Берлинскиот ѕид и распаѓањето на Југославија се очигледен доказ дека историјата продолжува. Но Фукујама ги разуверува кога ќе каже : „Но, она на што јас сметав дека дошло до крај, не е појавата на настани, дури и на големи и длабоки настани, туку Историјата: историјата како единствен, кохерентен, еволутивен процес кој ќе го земе предвид искуството на сите луѓе во сите

[6] Ibid., стр.89.
[7] Francis Fukuyama, „ A Reply to My Critics“ ,*The National Interest* 17 (1989) <http://www.wesjones.com/eoh_reply.htm>

времиња“ [8]. Хегел, на кого често се повикува Фукујама, смета дека еволуцијата на човековите општествени уредувања е конечна и може да се достигне. Еволуцијата на човековите општества ќе го достигне својот зенит во оној момент кога ќе бидат задоволени најфундаменталните човекови потреби и стремежи. Историјата е еволуција на човековата мисла околу основните принципи на кои почива човековото општество. Во оној момент, кога еволуцијата ќе кулминира, ќе настапи крајот на историјата и тоа не значи дека животот нема да продолжи со нормалниот развој, исполнет со мали и големи политички настани и потреси. Тоа единствено значи „...дека во развојот на темелните принципи и институции веќе нема да има натамошен напредок бидејќи сите навистина големи прашања веќе се решени“ [9].

Тоа е идејата на Фукујама кога ја „повикува“ историјата на Хегел, за кого треба да се напомене дека постои разлика во неговите порани и подоцни дела, се работи за разлика. меѓу „младиот“ и „стариот“ Хегел [10]. Крај на историјата претставува еволуцијата кон едно општество (држава) во кое е постигнат консензус околу човековите потреби, и општество (држава) во кое човекот ја постигнува својата политичка природа. Но, Фукујама вели дека историчарите често не ја разбираат историјата на Хегел, затоа што не ја гледаат нејзината длабочина. Според Хегел, системот на идеи најпосле го достигнува статусот на вистина, и идеологијата се претвора во филозофија. Ова оди во линија со Хегеловиот систем кој го претпоставуваше крајот на филозофијата. Неговата филозофија е конечна (слично како и историјата на Фукујама), затоа што во иднина повеќе не би можела да се утврди филозофска пропозиција која би била вистината а истовремено и нова. Со целосна филозофска јасност, Хегел го подразбираше крајот на историјата како неопходна поддршка за модерната држава, затоа што поинаку, нејзините фундаменталните концепти околу вистината не би имале никаква вистинита основа.

Да резимираме, сметаме дека не би било претенциозно доколку заклучиме дека теоријата на Френсис Фукујама целосно се поклопува со концетот на историјата кој го застапува Хегел. На крајот на краиштата, и самиот Фукујама вели дека не измислил ништо ново туку само го потврдил она што историјата го одлучила, а тоа е, да ги испрати сите противници на либералната демократија на ѓубриштето на идеите. Доколку историјата се сфати хегелијански, тоа е сосема возможно...


[8] Френсис Фукујама, *Крајот на историјата и последниот човек*, op. cit., стр.6.
[9] Френсис Фукујама, *Крајот на историјата и последниот човек*, op. cit., стр.7.
[10] Во пораните дела Хегел смета дека крајот на историјата дошол по битката на Јена 1806 година, додека пак во неговите позрели години тврди, дека крајот се постигнал со Пруската апсолутистичка монархија.

3. ПОБЕДА НА ЛИБЕРАЛНАТА ДЕМОКРАТИЈА: ЕМПИРИСКИ АРГУМЕНТ

Можеби најсилниот аргумент во рацете на Фукујама е оној кој доаѓа од реалниот живот, од емпириските докази и факти. Имено, „Freedom house“[11], спроведе едно истражување чиишто резултати излегоа зачудувачко позитивни во однос на либералната демократија. Според оваа агенција, во 1900-та година не постоела ниту една држава во светот која го гарантирала општото и еднакво право на глас.

Но денес, 120 држави, или 62% од 192-те држави во светот, се демократии кои одамна ги обезбедија овие права. „Freedom House“, изброја 25 држави во 1900–та година, кои ги смести во категоријата „ограничени демократии“, а само 16 денес. Пред еден век постоеја 19 уставни монархии, во кои највисокиот правен акт ги ограничуваше правата на монархот, а само еден дел од моќта беше во рацете на избраните народни претставници. Денес, повеќе не постои ваква категорија на држави. Според истражувањето, постојат се разбира и земји кои што имаат различни форми на недемократско владеење.

Слика 1: Прогресивно ширење на либерализмот во периодот 1972 – 2005[12]



Френсис Фукујама, го користи истражувањето на „ Freedom House“, за да ја докаже прогресијата на овој тип на владеење во последниов век.

[11] Се работи за Американска меѓународна невладина организација која спроведува истражувања а истовремено и ги застапува вредностите на демократијата, политичката слобода и човековите права

[12] Табелата е преземена од активностите на „Freedom house“, во делот во кој се истражува слободата во светот - „ Freedom in the world“. Со зелена боја е обележан развојот на либерализмот во наведениот период. < http://www.freedomhouse.org/template.cfm?page=1 >

Според него причината зошто државите ја прифаќаат либералната демократија се состои во фактот дека таа е единствената форма на владеење која го намалува ризикот од војни и внатрешни конфликти, за што постојат и статистички податоци.

Токму овие феномени како што се војните, конфликтите, етничките судири или било каква форма на длабока внатрешна противречност, беа причина за распаѓање на комунистичките држави на чело со Советскиот Сојуз. Некои од овие новосоздадени земји ја прифатија либералната демократија веднаш, а другите дури откако се уморија од војните од етничка природа.

Како и да е, дури и тогаш, сите земји, без исклучок, го прифатија ова политичко уредување. Се разбира повеќето се соочија со тешки и долги транзициони периоди кои настанаа поради несоодветното имплементирање на капиталистичкиот начин на производство. Другиот вид на проблеми кои настанаа во овие држави откако се осамостоија е будењето на национализмот и идеите за етнички поделби. Во некои држави каде што овие појави имаа најекстремен облик дојде до крвава и бескрупулозна граѓанска војна. Фукујама тврди дека откако овие земји ќе се консолидираат и ќе профункционираат како стабилни либерални демократии, борбата околу основните принципи ќе заврши, а земјите ќе се насочат кон економски просперитет. Фукујама вели дека во модерно време, либералната демократија се издвоила од другите политички уредувања (идеологии), и дека не постои друга идеологија која што може да и го загрози легитимитетот и оправданоста на либералната демократија, бидејќи со нејзиното настапување се постигна задоволување на фундаменталните принципи на човековото политичко егзистирање – слободата, еднаквите права и можности, ограничена и контролирана власт, правото на учество на граѓаните во власта, како и принципите на соработка и толеранција.

Авторот на „Крајот на Историјата“ верува дека човекот се изборил за сето она што е иманентно на човековата природа. Токму затоа смета дека либералната демократија го обележа крајот на борбата за идеите, иако ни самиот тој не верува дека оваа идеологија ќе ги осуети сите општествени неправди. Напротив!, тие ќе продолжат да постојат но нема да бидат во состојба да го нарушат консензусот околу основните принципи. Ниедна друга идеологија, според Фукујама не може да опстане, либералната демократија нема алтернатива!. На ова, авторите кои го критикуваат ќе одговорат дека исламскиот фундаментализам, фашизмот и национализмот се доказ дека борбата на идеите сеуште трае. Но Фукујама одговара „ Никој од овие критичари не верува дека овие алтернативи ја надминуваат либералната демократија и, колку што знам, во текот на целиот спор околу статијата, никој не предложи алтернативна форма на општествена организација за која лично тој

или таа верува дека е подобра.“[13]. Но, ние не веруваме дека постои подобра и пофункционална идеологија. Навистина, истражувањето на „Freedom House“ е убедливо и недвосмилено, либералната демократија е прифатливо општествено уредување за најголемиот број на држави во светот. Во 20-иот век се појавија фашизмот, национал – социјализмот и комунизмот, но ниту една од овие идеологии не успеа да го убеди светот во својата оправданост. Напротив, тие промовираа принципи како што се: хомогеност, милитаризам, антииндивудуалност, антикапитализам, антидемократичност, расна чистота итн. Прифаќањето на овие принципи го одведоа светот во две светски војни и донесоа деструкција каква што човекот дотогаш неможеше ни да си ја замисли.

Токму затоа велиме дека либералната демократија победи, залагањето за слободата и еднаквоста бездруго е подобро од залагањето за претходно набројаните вредности. Сосема е извесно дека либералната демократија ги победи сите свои идеолошки противници, но дали ја заокружи еволуцијата на идеолошките размисли, останува да видиме.

4. КРАЈОТ НА ИСТОРИЈАТА И ДИЈАЛЕКТИКАТА: НОРМАТИВНО - ТЕОРИСКИ КОНТРААРГУМЕНТ

Карл Маркс е еден од ретките за кого критичарите, дури и оние кои длабоко не се согласуваат со него, ќе речат дека е навистина тешко да се побијат неговите критики на капиталистичкиот начин на производство, претставени во „Комунистичкиот манифест“ и „Капитал“. Она по што е единствен и се разликува од своите современици и претходници е неговиот став во однос на задачата која пред себе ја има филозофијата, а тоа е дека : „Филозофите само го интерпретираа светот на различни начини, меѓутоа, поентата е тој да се измени“[14]. Што значи дека за разлика од своите претходници, Маркс се обиде да и даде научна основа на својата теорија, со што истата би ја имплементирал во реалниот општествен живот, и на тој начин, навистина би го изменил светот.

За да ја откриеме линијата на расцеп помеѓу марксизмот и теоријата за крајот на историјата на Фукујама, мора да се навратиме на учењето на Хегел, филозофот кој иако критикуван од страна на Карл Маркс, му ја „позајми“ дијалектиката, која доби нова интерпретација и стана основа на марксовата материјалистичка концепција на историјата.

Според Хегел, дијалектиката претставува однос на интеракција помеѓу антагонистичките сили, чијшто резултат доведува до една повисока фаза на развој. Имајќи го ова предвид, според Хегел, прогресот не е ништо

[13] Френсис Фукујама, *Крајот на историјата и последниот човек*, op. cit., стр.89.
[14] Карл Маркс, *Тези за Фоербах,* Комунист, Скопје, 1989, 11-та теза.

друго, туку последица од внатрешниот конфликт на спротивставените сили. Професорите Љ. Д. Фрчковски и Ѓ. Иванов сметаат дека: „ Хегел, на овој начин го објаснува движењето на духот на светот. Преку конфликтот меѓу (една) **теза** и нејзината спротивставувачка сила, **анти-теза**, што произведува едно повисоко ниво, односно **синтеза,** што во возврат конституира една нова теза. Маркс, како што кажа Енгелс, „го нападна Хегел во неговата суштина“ со воведувањето на оваа дијалектика со материјалистичка интерпретација“[15]. Имено, Маркс ја поопштествевува Хегеловата дијалектика и ја користи за да го означи крајот на капитализмот, како начин на производство, кој ја произведува својата анти-теза (пролетаријатот) кој ќе го урне капитализмот и ќе создаде повисока фаза на развој на општественото производство – социјализам, кој пак ја претставува синтезата од конфликтот помеѓу капитализмот и пролетаријатот.

Меѓутоа, нас не нѐ интересира марксовата теорија за неминовното пропаѓање на капитализмот, таа „научна“ антиципација веќе е подзаборавена во интелектуалните расправи. Сепак, чуствувавме должност да наведеме кои се причините[16], кои според критичарите на Фукујама, ќе ја доведат либералната демократија да се соочи со својата декомпозиција. Со оглед на тоа што нас не интересира дијалектиката и нејзината имплементација во политичкиот свет, моравме да се навратиме на Карл Маркс, бидејќи тој е првиот филозоф кој се обиде на хегеловата дијалектика да и даде општествен контекст. Нималку не е чудно што Фукујама се критикува со помош на хегеловиот дискурс, истиот оној кој тој го зема како главен аргумент за крајот на историјата. Разликата е во тоа што, според критичарите на Фукујама, дијалектиката на политичкото сеуште го нема дофатено, осознаено политичкиот апсолут.

За нив (критичарите), либералната демократија не претставува конечно исцрпување на потенцијалите на дијалектичкиот развој на политичкото. Тие се уште не се спремни да му стават крај на дијалектичкиот процес и да ја оконечат борбата на политичките идеи, концепти и решенија. Дијалектиката во својата суштина секогаш се стреми кон создавање на нови композиции, преку дијалектичките негации, до создавање на нови политички форми. Какви ќе бидат тие политички форми веројатно никој не може да претпостави. Иако Фукујама се обиде да твори футуролошки, тоа е негово право па дури и ако не располага со сериозни аргументи, а тука тоа не е случај. Ние не сме толку храбри да ја предвидиме иднината на човештвото. Ние се уште веруваме во еволуцијата на човековата идеја!. Либералната демократија е најдобриот политички облик во однос на сите други алтернативи. Но, за да

[15] Љ. Д. Фрчковски и Ѓ. Иванов, *Современи политички теории*, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, Скопје, 2003, стр.274

[16] Се работи за општите причини кои ги наведува Карл Маркс а се однесуваат на материјалистичката интерпретација на хегеловата дијалектика.

кажеме дека таа е најдобриот можен облик на политичко уредување, претходно би морале да докажеме дека истовремено е апсолутна и универзална, и дека би била совршено конзистентна и иманентна на човековата природа во сите времиња и на сите места.

5. СИЛАТА НА АЛТЕРНАТИВАТА: ЕМПИРИСКИ КОНТРААРГУМЕНТ

Голем број на држави во светот ја немаат прифатено либералната демократија. Постојат најразлични форми на политички уредувања коишто денес егзистираат, а некои од нив почиваат на сосема различни принципи од оние на либерализмот. Токму овие примери кои постојат во реалноста претставуваат силен аргумент против „Крајот на Историјата“, па критичарите на Френсис Фукујама го употребуваат во тој контекст.

Но да се обидеме низ една бегла анализа на некои од државите односно идеологиите да докажеме и покажеме дека либералната демократија во иднина би можела да добие сериозна конкуренција на полето на политичките идеологии, и дека не може така едноставно да престане натпреварот на идеите.

Првиот пример каде што постои алтернативна форма на организирање на почитичкиот живот е Народна Република Кина. Се работи за земја која дури и политиколозите многу тешко можат да ја класифицираат во некоја од класичните идеолошки парадигми. Ова е веројатно и затоа што низ последните шест децении, Кина смени четири генерации на лидери, кои меѓу себе имаа различни концепции за политичкиот изглед на Кина. Голема пресвртница во поновата кинеска историја е бунтот на студентите на плоштадот Тиенанмен во 1989-та година, после кој Кина полека но сигурно, од комунистичка држава, прифати одредени демократски принципи и забележа извесен напредок во овозможувањето на права и слободи за своите граѓани. Од 2002 година па наваму, оваа земја ја води четвртата генерација на лидери на чело со Ху Цинтао.

Последната деценија Кина оствари неверојатни економски резултати и денес важи за земја со највисок економски раст на годишно ниво. Ова пред се се должи на фактот што во Кина во 1978-та година во некои сегменти од економијата се прифати капиталистичкиот начин на производство што на крај вроди со големи резултати. Она што е интересно е дека Кина претставува веројатно единствената земја која е формално комунистичка а во реалноста функционира приватната сопственост и производство. Околу 70% од бруто домашниот производ на Кина е добиен од приватниот сектор. Се работи за политичко - идеолошки ендемит, единствен пример во кој рака под рака одат еднопартискиот систем на чело со Комунистичката партија на Кина и капиталистичкото економско уредување, за кое барем досега се веруваше дека секогаш се врзува за либералната демократија. Иако важи за држава без

политички плурализам, Кина постепено прифати голем број на демократски принципи, иако е далеку од она што се нарекува стабилна демократија. Власта, односно комунистичката партија, често ја загрозува слободата на медиумите, слободата на судскиот систем, правата на граѓаните, пред се судските органи и полицијата и тн[17]. Но сепак, оваа држава последнава деценија забележува голем напредок на полето на демократичноста а посебно во економијата. Она кон што се стреми Кина е постигнување на социјална еднаквост за што говори и фактот дека од 1981 – 2001 година, оваа земја го намалила процентот на екстремно сиромашни граѓани од 53% на само 8%.

Благодарение на социјалната грижа за своите граѓани и неверојатниот економски прогрес, неутрализирани се општествените групи кои би се залагале за радикална програма на општествено –политичко – економското уредување.

Сепак, политичката неутрализација во Кина не се изведува единствено со овие чинители, како што претходно напоменавме, кинеската држава делува авторитарно во одреден дел од политичките сфери. Сепак како и да е, не може а да не се истакне, крупното чекорење кон демократската преобразба на Кина. Според *Amnesty International,* Кина е држава во која има значителни недостатоци во поглед на слободата на медиумите, изразувањето, слободите и правата на граѓаните и тн. Но, агенцијата спомнува дека постои голем прогрес кон намалување на овие недоследности. Од друга страна пак, оваа држава, иако политички монолитна и еднопартиска, успева да обезбеди широк легитимитет кај огромната кинеска популација. И тука постојат општествени групи кои се залагаат за промени кон политички плурализам, сепак тие не се доволно моќни да го нарушат јавното чувство околу политичката оправданост на кинеското раководство. Кога на ваквиот легитимитет ќе се надоврзе демократизацијата и прифаќањето на капитализмот, тогаш оправдано е да веруваме дека кинескиот општествено – политичко уредување ќе се движи во правец на прифаќање на принципите на либералната демократија, меѓутоа истовремено ќе задржи и доволно самосвојни културно – политички составки.

Оваа специфичност можно е секогаш да постои како алтернатива на западната демократија, и никогаш да не се претопи во типичниот евро-атлантски политички модел.

Кинескиот политички систем и денес претставува алтернатива на она што веќе постои во западните држави, а сепак содржи доволно автохтони елементи за да се анализира самостојно. Еволуцијата на овој систем е тешко да се претпостави. Но имајќи го предвид фактот дека Кина има најголема

[17] Наведените податоци се преземени од истражувањето на „Amnesty International“ а се однесуваат на почитувањето на човековите права и слободи во Народна Република Кина. < http://www.amnesty.org/en/region/asia-and-pacific/east-asia/china>

популација во светот; претставува значаен политичко-воен фактор[18]; и е земја со највисок економски раст, би можеле да претпоставиме дека ќе претставува силна алтернатива на либералната демократија, но, ако и само ако, никогаш не се претопи во неа. Ние имаме причина да веруваме дека тоа нема да се случи, и дека кинеската демократија секогаш ќе се одвојува од западната, благодарение на своите културни, идеолошки и цивилизациски карактеристики.

Карактеристичен пример на отклонување од класичниот либерален поредок се скандинавските земји а посебно Шведска. Она во што е единствена, е прифаќањето на политика на државна интервенција во полето на економијата со цел реализирање на „држава на благосостојба". Во оваа земја целосно функционира еден систем на егалитарна социјална дистрибуција во корист на помалку способните, што е спротивно од начелата на кој се темелат слободниот пазар и класичниот либерализам. Според некои мерења и анкети, Шведска е држава во која луѓето се најзадоволни од општествено – економското уредување.

Имајќи го ова в предвид би можеле да антиципираме дека во иднина демократските режими би можеле да еволуираат во тој правец. За разлика од либералните демократии кои нудат еднакви права и можности за реализација на нееднаквите способности, системот во Шведска нуди правна еднаквост, но и социјална правда, со што се заштитуваат помалку способните. Во последно време во оваа земја постојат големи дилеми, бидејќи прифаќајќи ја социјалната политика таа се соочи со паразитски групи на луѓе кои ја злоупотребуваат социјалната правда, добивајќи средства од државниот буџет. Можеби токму затоа, по триесетина години владеење, Шведската левица, беше поразена од конзервативната партија.

Сепак, постојат доволно причини да очекуваме дека и во иднина шведскиот тип на демократија ќе егзистира, а со тоа, ќе и биде силна конкуренција на класичната западна либерална демократија.

6. Заклучок

Можеме да потврдиме дека либералната демократија навистина ги победи своите идеолошки противници и се рашири низ целиот свет, но факт е дека постојат повеќе алтернативи на овој тип на владеење и наша задача е да ги претставиме нивните недостатоци, но и предности во однос на либералната демократија. Шведскиот систем е токму таков пример. За оние кои се побор-

[18] Според професорот Семјуел Хантингтон следните политички конфликти, од идеолошко ќе се префрлат на цивилизациско – културно поле. Најмоќните цивилизации, меѓу кои според него е и кинеската, ќе бидат значаен фактор во следното обликување на политичкиот изглед на светот.

ници на социјалната егалитарност со задржување на капиталистички економски систем, шведскиот пример има големи предности пред било кој друг систем.

Токму тука ја лоцираме недоследноста на Фукујама, либералната демократија не е конечен политички режим, можна и очекувана е нејзината надградба. Можно и очекувано е во иднина барањата на граѓаните во другите земји да го следат шведскиот пример. Тоа според некои не значи и негирање на фукујаминатa теза, затоа што шведската демократија не почива врз поинакви принципи од оние на либералната демократија. Но тоа е точно единствено ако се потцени силата на алтернативата да создаде внатрешни противречности во либералната демократија. Ние сметаме дека алтернативата е силна, па допрва очекуваме либералната демократија да се соочи со најтешките предизвици, дури откако ги победи своите идеолошки противници. А нејзините предизвици ќе доаѓаат од нејзе самата, од можноста да се надгради и видоизмени до такво рамниште да претставува една хегеловска негација на самата себе. Како дијалектичка негација, либералната демократија би можела да го задржи позитивното јадро и во иднина да поприми антитетична политичка форма која во извесна мера би покажала дека Фукујама погрешно веруваше во неможноста од развивање на политичката идеја (либералната демократија како апсолут на политичкото) во поправедни облици и форми. Одговорот на прашањето; дали шведскиот, кинескиот или пак можеби венецуелскиот пример се токму тие кои се поправедни, останува да ни го покаже историјата. Ние тоа го очекуваме, и сметаме дека историјата ќе создаде поправеден облик на политичко устројство.

Затоа што да се прогласи крај на историјата на политичките идеи, е исто како да се прогласи крај на човековата еволуција!.

THE END OF HISTORY OR A NEW CHALLENGE FOR LIBERAL DEMOCRACY

Summary

After the fall of the Berlin Wall and the collapse of the communist regimes, in the political debate, the loudest voice has the position that the fight between political ideologies is exhausted. According to this position, whose loudest apologist is Francis Fukuyama, liberal democracy is the final and perfect form of political system in which the man accomplishes his political nature. Meanwhile, with the ascent and the meaning, which in the last years, has been gained by the alternatives of the liberal democracy, the inevitable question is asked, aren't they an antithesis of the liberal democracy which finally will destroy

its fundamental core, and in accordance with the Hegelian discourse, through dialectical negation, will create new ideas, virtues and forms of political system. In this study we will try to present the competition between the political ideologies trying to give an answer for the possibility of reaching to the final form of the political system.

***Key words**: end of history, political ideology, dialectic, historical materialism, liberal democracy*

Литература

1. Freedom in the world. Истражување на: „Freedom house“, објавено на: <http://www.freedomhouse.org/template.cfm?page=1>
2. 2. Фукујама, Френсис. *Крајот на историјата и последниот човек*. Скопје: Култура, 1994.
3. Fukuyama, Francis. „The and of History?“. *The National Interest* 16 (1989):3-18.
4. Fukuyama, Francis. „ A Reply to My Critics“. *The National Interest* 17 (1989) <http://www.wesjones.com/eoh_reply.htm>
5. 5. Фрчковски, Љ. Д. и Ѓ. Иванов, *Современи политички теории*. Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, 2003.
6. Huntington, P. Samuel. *The Clash of Civilizations.* New York: Touchstone: Simon & Schuster, 1997.
7. Маркс, Карл. *Тези за Фоербах.* Скопје: Комунист, 1989.
8. People's Republic of China. Извештај на: „Amnesty International„ Report 2007 <http://www.amnesty.org/en/region/asia-and-pacific/east-asia/china>
9. 9. Ролс, Џон. *Теорија на праведноста.* Скопје: Слово, 2002.



ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕТЕКТИВИ
И КРИМИНАЛИСТИКА

316.483

Проф. д-р **Стојан КУЗЕВ**

ПОИМ И ДЕФИНИРАЊЕ НА СОВРЕМЕНИТЕ КОНФЛИКТИ

Апстракт

Мирот и конфликтите се крајните општествени состојби, кога е во прашање безбедноста сватена во најширока смисла на зборот. Мирот е трајно посакуван и за него најчесто се вели дека претставува состојба во која човекот најуспешно се потврдува како најсовршено општествено битие. Конфликтите пак, по својата природа можат да бидат конструктивни или деструктивни, во зависност од тоа какви цели треба да се постигнат преку нивните манифестационаи облици, и што е тесно поврзано со тоа, начините за нивно, трансформирање и разрешување. Сепак, за да можат конфликтите да бидат трансформирани и разрешувани, потребно е да се познава нивната суштина, односно да бидат поимовно определени и дефинирани. Постојат бројни дефиниции за конфликтите. Во трудот се прави обид да се изврши анализа на најчесто користените дефиниции за конфликтите и да се експлицира нивната суштина. Секако, во трудот се презентираат и најзначајните и неодминливи поими во спектарот помеѓу мирот и конфликтите (војна, агресија и сл.).

***Клучни зборови**: конфликт, војна, агресија, трансформација, разрешување.*

Вовед

Конфликтите се постојани придружници на човековото опстојување, живеење и развој. Тие го следат човекот и општествената заедница, без разлика на тоа дали тој егзистира како индивдуа, во група или во повисоки општествено организирани форми на живеење. Во зависност од тоа во каква општествена форма живее човекот, се детерминирани и односите и релациите, а со тоа и недоразбирањата и причините за настанување на конфликтите. Со оглед на тој факт, за конфликтите може да се рече дека се историска и актуелна појава и категорија.

Причините за појавување на конфликтите можат да бидат различни. Недоразбирањата помеѓу поединците, групите организирани по различни

основи, државите и помеѓу државите, постојано го придружуваат човековото живеење. Во основа, различните интереси помеѓу спротивставените страни се доволна причина за манифестирање на конфликтните состојби. Правилното, поимовно определување и дефинирањето на конфликтите е можеби најважната работа за нивно подоцнежно трансформирање и разрешување.

1. Поимовно определување на конфликтите

Во секојдневниот говор под конфликт најчесто се подразбира ***судир меѓу две или повеќе лица или групи кои применуваат сила како средство за да победат или да се одбранат.*** Притоа, под примена на сила најчесто се подразбира нанесување физичка повреда или штета, иако се почесто се признава дека е можно да се зборува за примена на психолошко насилство врз противникот. Ваквото определување на конфликтот е многу ограничено, па дури и погрешно затоа што може да постои вистински конфликт и тогаш кога ниту една страна од учесниците не манифестирала насилничко однесување.

Во стручната литература се сретнуваат голем број на елаборации за конфликтот. Некои од нив го нагласуваат однесувањето на учесниците во конфликтот (било да се работи за прикриен отпор или за отворена агресија), другите се концентрираат на изворите на конфликтот (какви што се ограничените средства или спротиставените интереси), а трети се однесуваат на ставовите и чувствата што се јавуваат во конфликтот (какви што се стереотипите, непријателството и нетрпеливоста).

Сепак, за различните елаборации за конфликтите може да се рече дека обединувачки/заеднички за сите битни аспекти на конфликтот, се следните три негови **компоненти:**

- ***страни*** во конфликтот;
- конфликтно ***однесување***; и
- конфликтни ***интереси***.

Значи, ***конфликтот е резултат на истовремено постоење на конфликтни интереси и конфликтно однесување меѓу страните во конфликтот.***

Страни во конфликтот се поединци или групи што се директни учесници во конфликтот. Во секој конфликт мора да учествуваат најмалку две спротиставни страни, а се случува да има и повеќе. Во зависност од тоа ***кои се страните*** во конфликтот, постојат:

- ***интерперсонални,***
- ***интергрупни и***
- ***интрагрупни конфликти,***

Интерперсоналните конфликти се случуваат меѓу поединци. Такви се, на пример, конфликтите на релација сопруг-сопруга, родител-дете, брат-сестра, ученик-наставник и сл.;

Интергрупните конфликти се јавуваат меѓу групи со најразлична големина, формирани според најразлични основи. Меѓу нив спаѓаат семејства, работни и други организации, потесни и пошироки заедници, етнички групи, цели држави, народи, раси итн.;

Интрагрупните конфликти се одвиваат меѓу припадници на помали групи и, по правило, ги вклучуваат сите припадници на таа група. Конфликтите од ваков вид се одвиваат во рамките на семејствата, спортските екипи, работните групи, различните комисии и одбори и сл.

Конфликтното однесување се состои од активности што ги презема едната страна со намера да и се спротистави на другата страна или да ги спречи нејзините активности.

Тука спаѓаат активностите со различен интензитет: од пасивна индиферентност (неподдржување), преку отворено несогласување, расправање, саботирање и најразлични облици на насилство (како навредување или удирање), па се до целосна војна.

Под конфликтни интереси се подразбираат искажаните и неискажаните грижи, потреби, желби или ставови што произлегуваат од интеракцијата помеѓу страните во конфликтот. Кога и двете страни настојуваат да добијат од нивната интеракција, интересите се заеднички и конфликт не постои. За да бидат конфликтни, интересите треба да бидат спротиставени - едната страна да настојува да добие „за сметка“ на другата страна.

Многу често страните во конфликтот имаат заеднички интереси, но конфликтот не би постоел доколку не би имале и некои спротиставени интереси. Конфликтот е резултат на истовремено постоење и на спротиставени интереси и на конфликтно однесување.

Спротиставените интереси можат да бидат проследени со неконфликтно однесување, при што за таквиот конфликтот се вели дека е прикриен. Меѓутоа, кога во конфликтот се вклучени заеднички интереси, а присуство е конфликтно однесување, тогаш конфликтот се нарекува лажен.

Според, Мурџева-Шкариќ, кога ќе се изговори зборот *конфликт*, одговорот што најчесто го даваат луѓето е дека станува збор за „борба, напнатост, омраза или некоја слична друга *негативна појава*“.[1] Потоа, таа продолжува со констатацијата дека „конфликтот се изедначува со

[1] Мурџева-Шкариќ, О. (2007), Ненасилна трансформација на конфликти, Филозовски факултет, Скопје, стр. 36.

несогласување, недоразбирање, судири на мотиви, интереси и потреби. Вистината е: конфликтот не е ниту позитивна ниту негативна појава. Конфликтот како феномен добива негативно значење кога се разрешува насилно, но тој може да биде и поттик за развој“.[2] Во врска со искажаното, а во контекст на трансформирањето на конфликтите, Мурџева-Шкариќ ќе констатира дека „прво што треба да го *промениме е сфаќањето за конфликтите*. Нив треба да ги сфатиме како реалност составена од ставови, однесување и контрадикции која може да биде предизвик за развој кога настојуваме да ја преобразиме во нова реалност со повисок квалитет. Второ што треба да се *трансформира е самиот процес и стил* на решавање на конфлкти, бидејќи од нив непосредно зависат исходите од конфликтот“.[3]

2. Дефинирање на конфликтите

Според Дојч (Deutch), конфликтот се определува како ситуација во група, во која доаѓа до неусогласености, до спротивности на акциите што ги преземаат определени членови. Конфликтот е манифестирана спротивност помеѓу членовите на групата која доаѓа до израз во неусогласените акции кои ги преземаат поединци или групи.

Според Георгиева, конфликтот претставува постојана содржина на социјалното егзистирање на различни нивоа. Како таков, тој е неодминлив феномен кон кого поединците, но и различните социјални групи, градат и заземаат соодветен став. Неговото значење во генерална смисла може да се опише во позитивна конотација, како феномен којшто низ раздвижување и акција предизвикува соодветни општествени промени, или пак во негативна смисла, како феномен којшто предизвикува деструктивно однесување и вклучува насилство.

Конфликтот се дефинира како „**динамичен феномен, манифестен конфликтен процес (manifest conflict process), составен од фази на иницирање, ескалација, контролирано одржување, стивнување и разрешување**“.[4]

Поспецифично, манифестниот конфликтен процес е „**состојба во којашто најмалку два актера, или нивни претставници, се обидуваат да ја остварат нивната перцепција на взаемно некомпатибилпи цели со**

[2] Исто.
[3] Исто.
[4] Sandole, D., Ethnic conflict resolution in New Europe: A case for an integrated systems approach, 1993, во Balazs J. and Wiberg H. (ed): Peace Research for the 1990´s, Academia Kiado, Budapest, стр. 151.

поткопување, директно или индиректно, на способноста за дејствување на друѓите".[5]

Бартон (Burton) за конфликтот вели:

*„**Конфликтот ...*** е еден есенцијално креативен елемент во односите меѓу луѓето. Тој е средство за промени, средство со кое нашите општествени вредности за добросостојба, безбедност, правичност и можности за личен развој можат да се достигнат. Постоењето на наплив од конфликти е единствен гарант дека аспирациите на општеството ќе бидат постигнати. Всушност, конфликтот е да се ужива".[6]

Меѓутоа, Сандол (Sandole) забележува дека загриженоста во однос на конфликтот произлегува поради **начините** кои луѓето ги избираат да се справат со конфликтот**:** било со ***натпреварувачки*** или со ***кооперативии средства***.

Поспецифично, загриженоста произлегува од ескалацијата на манифестниот конфликтен процес во т.н. агресивен манифестен конфликтен процес. Тоа е ситуација во која најмалку два актера, или нивни претставници, се обидуваат да ги остварат нивните перцепции од взаемно некомпатибилни цели со примена на физичка принуда или со уништување на сопственоста и вредносните симболи едни на други; и/или психолошки или физички си наштетуваат, се уништуваат или на друг насилен начин се елиминираат взаемно.

Во рамките на мноштвото анализи коишто се однесуваат на конфликтите и справувањето со нив, се вбројува и категоријата на „хроничен конфликт". За овој вид на конфликти се смета дека се конфликти кои имаат долга историја и се пренесуваат од една генерација на друга. Во литературата се наречени и „конфликти со длабоки корени" бидејќи продираат длабоко во базичните психолошки потреби за свој личен идентитет и сигурност, за групно припаѓање и за (само)почитување.

Според Ортаковски, конфликтот се дефинира како ***ситуација во која еден субјект е ангажиран во свесно спротиставување на друг субјект во мегународната заедница, бидејќи тие имаат спротивни цели.*** Притоа не е најважно дали инкомпатибилноста на целите е реална или имагинарна, бидејќи во практичното дејствување на субјектите и измислената спротиставеност на целите може да биде доволен мотив за ангажман во судир со друг субјект.

[5] Исто, стр. 153.
[6] Burton, J., (1972) World Society, Cambridge and New York: Cambridge University Press, ,стр. 137-138.

Конфликтот го претставува оној дел од спорот во кој постои опасност од употреба на воена сила или, пак, таа е веќе употребена. Така, ***„спор“*** меѓу два субјекта има кога нивните цели се спротивни и се насочуваат едни кон (наспроти) други, додека ***„конфликт“ постои кога спротиставеноста се изострува до опасност од употреба на сила или нејзино употребување за разрешување на спорот***. Важно е да се има предвид дека сите спорови не доспеваат до фазата на конфликт, бидејќи можат да се разрешат претходно на некој друг начин. Од друга страна, сите конфликти се резултат на претходни спорови*.

Како илустрација за спор, кој не прераснал во конфликт, е грчко-македонскиот спор околу името на Република Македонија. Тој спор претставува илустрација за употреба на имагинарна цел од страна на Грција, бидејќи поинаку не можеме да се гледа на грчката цел северниот сосед да се натера да си го промени името.

Конфликтот може да има пет основни **фази**:

⇨ ***Појава на непријателствата.*** Оваа фаза почнува кога една од страните во спорот донесува политичка одлука за воена опција како начин на разрешување на спорот. Во оваа фаза употребата на вооружена сила станува возможна или пак „основано се очекува“. Но, самото решавање за воена опција не значи дека почнале непријателствата, туку воведувањето на оваа фаза често пати претставува политички притисок врз другата страна.

⇨ ***Почеток на непријателствата.*** Во оваа фаза се реализираат почетните цели на конфликтот и таа може да доведе до ескалација на употребените воени средства.

⇨ З***авршување на непријателствата.*** Во оваа фаза конфликтот може да биде завршен со воени дејства или со мировен договор, но тоа не мора да значи дека е разрешен и спорот, кој може да продолжи да се разрешува со други средства.

⇨ О***спорување.*** Оваа фаза постои кога со конфликтот не е разрешен спорот, кој продолжува да се решава со други средства.

⇨ ***Решение.*** Оваа фаза постои ако спорот, преку конфликтот, е решен на соодветен начин и прифатен од страните. Конфликтот завршува со некој вид политички процес што резултира во политичко приспособување, а чиј формален израз може да биде: примирје, мировен договор, капитулација на една од страните, едностарно повлекување од конфликтот и друго.

Структурата на конфликтот може да се согледа низ призмата на две нивоа на **цели** кои ги имаат страните на конфликтот, а тие се:

* Пошироко за ова види кај: Фрчковски, Д., Љ., (at. al.), (1995), Меѓународно јавно право, стр. 317-318.

⇨ ***Политички цели,*** кои се резултат на позицијата на страната за глобално решавање на спорот. Тие содржат одговори на најмалку три прашања: јасна изјава за посакуваната ситуација после конфликтот; јасна серија на политички цели за да се дојде до таква ситуација; и јасна серија на воени цели.

⇨ ***Оперативни цели,*** кои ги опфаќаат проценките за економична употреба на енергијата во конфликтот, како и за слабите точки на противникот, врз кои ќе биде концентрирана таа енергија. Примерот со целосната блокада на границата со Република Македонија од страна на Грција, во 1992 и 1994 година, дава добра илустрација за грчките оперативни цели во таа фаза од конфликтот со нашата земја (предизвикување економски колапс, за да може да ги диктира своите услови за решавање на „спорот“). Карактеристично е и грчкото видување на наведените „слаби точки“ на нашата земја, врз кои ја концентрираше својата енергија.

При реализирањето на овие два вида цели важна е синхронизацијата на средствата, методите и резултатите, која треба да биде изразена преку успешна стратегија на водење на конфликтот, за да може страната да има полза од мирот*.

Инаку, вклученоста на страните во конфликтите, па и во фазата на вооружени непријателства, секако дека не е цел сама за себе, туку средство да се постигне остварување на целите во мирот кој ќе настапи по завршувањето на конфликтот.

Определувајќи ги фазите на мирот и на конфликтот, како и многубројните фази што постојат меѓу тие два спротиставени пола, тие поими би можеле да ги **дефинираме** на следниов начин:

⇨ ***Војната*** е продолжена борба меѓу организирани вооружени сили. Таа може да варира од продолжителен конфликт од низок интензитет или граѓанска анархија (во Сомалија, Алжир) до сеопшта, „жешка“ војна (каква што беше Втората светска војна).

⇨ ***Кризата*** е напната конфронтација меѓу вооружените сили кои се мобилизирани и подготвени и можат да бидат употребени во повремени борби од ниско ниво, но кои не употребуваат позначителна сила. Веројатноста за избивање на војна е голема (на пример, „ракетната криза“ во Куба во 1962 година). Во рамките на државата таа може да се изразува преку високо ниво на насилство (Бурунди по 1995 година).

⇨ ***Нестабилниот мир*** претставува општо високо ниво на напнатост и сомневање меѓу страните, но со спорадично изразено насилство,

* Пошироко за ова види кај Bruce Clark, (1993), Conflict termination: Rational Model, National Security Studies.

ако воопшто го има. Преовладува т.н. „негативен мир“, страните заемно се сметаат за непријатели и ги подготвуваат вооружените сили како одвраќање на другата страна (на пример, состојбата во односите САД - Иран по земањето на американските дипломатски и конзуларни службеници во Техеран како заложници во 1979 година). Репресијата на владините сили врз малцински групи е пример за внатрешно-државна варијанта на ова ниво на конфликт (како, на пример, во Бурма).

⇨ ***Стабилниот/студениот) мир*** е однос на претпазливо комуницирање и ограничена соработка (на пример, во областа на трговијата) за постигнување заемни интереси. Разликите во вредностите или целите постојат, но спорот начелно се одвива на ненасилен, повеќе или помалку предвидлив начин. Изгледите за конфронтација или војна се мали. Советско-американскиот детант (попуштање на затегнатоста) кон крајот на 60-тите и во почетокот на 70-тите години, или израелско-палестинското спогодување во 1995 година, се примери за стабилен (студен) мир. На внатрешно-политички план пример за таков мир е политичкото спогодување меѓу ривалски, некогаш непријателски групи (како во Јужна Африка во 1994 - 1995 година).

⇨ ***Траен/топол мир*** претставува високо ниво на соработка, вклучително и воен сојуз против заеднички закани. Преовладува т.н. „позитивен мир“ заснован на заеднички вредности, цели и институции (на пример, во демократијата како политички систем), економска меѓузависност, и чувство за заедништво Споровите се решаваат на мирољубив, институционализиран начин, така што не постои чувството за потребата од своја безбедносна заштита преку вооружени сили. Можноста за конфликт или репресија практично не постои (примерите со обединета Германија, американско-канадските односи, целта за заеднички економски институции и надворешни политики на земјите членки на Европската унија).

Постапките што се однесуваат на различните **интервенции** во конфликтите, применливи во различните нивоа на развојот на конфликтот се следните:

⇨ ***Творење на мирот*** (Peacemaking) ја вклучува употребата на различни методи за одвраќање, спречување, или завршување на насилниот конфликт меѓу страните. Тоа им помага на водачите на страните во конфликтот да го дефинираат и прифатат праведното решавање на нивните разлики. Негова цел е страните во конфликтот да ги редефинираат своите цели, за да станат заемно прифатливи. Тоа е насочено кон конфликтната ситуација и примарно е дипломатска акција.

⇨ ***Зачувување на мирот*** (Peacekeeping) се однесува на напорите да се контролира и запре вооруженият конфликт, да се зачува прекинот на огнот и да се засили политичкото решавање меѓу страните во насилен

конфликт, со разделување на нивните вооружени сили. Негова цел е да ги контролира физичките акции на завојуваните страни и тоа е примарно воена акција. Насочено е кон однесувањето во конфликтот. Многубројни се случаите на употреба на мировните сили на ООН.

⇨ ***Градење на мирот*** (Peacebuilding) се однесува на реконструирање и поддршка на политичката и социоекономската инфраструктура за да се олесни спогодувањето и нормализирањето на односите меѓу страните во конфликтот. Тоа не само што треба да го воспостави редот, туку и да ја зголеми соработката меѓу страните и да ги продлабочи нивните односи, откривајќи ги условите кои воделе кон спорот, засилувајќи ги позитивните ставови и изградувајќи заеднички институции и процеси преку кои страните ќе бидат во интеракција. Негова цел е да ги елиминира корените на конфликтот и е насочено кон ставовите во конфликтот. Тоа е примарно социјална акција, која се состои од политички и економски активности.

⇨ ***Наметнување на мирот*** (Peace Enforcement) претставува употреба на вооружена сила, според Главата 7 од Повелбата на ООН, за запирање на насилниот конфликт.

⇨ ***Превентивна дипломатија*** (Preventive Diplomacy) се применува кога односот меѓу страните во конфликтот, што постои како тензија, се менува од статусот на стабилен мир кон нестабилен мир. Целта е да се спречи постојниот спор да не прерасне во конфронтација или сеопшто насилство, и да се задржи во фазата на мирновремена дипломатија (силите на УНПРОФОР/УНПРЕДЕП, кои се наоѓаа во Република Македонија од 1993 година, се пример за успешна мисија од овој тип).

⇨ ***Управување со кризата*** (Crisis management) се однесува на напорите да се спречи состојбата на висока напнатост и конфронтација меѓу конфликтните страни да се претвори во употреба на вооружена сила или насилство. Таа е обично придружена од закани со сила или со насилство.

⇨ ***Управување со конфликтот*** (Conflict management) се однесува на напорите да се спречи проширувањето и да се намали насилството употребено од страните во конфликтот. Ги вклучува и напорите страните во конфликтот да се доведат во комуникација што ќе води кон решавање на нивниот спор и завршување на насилството.

⇨ ***Завршување на конфликтот*** (Conflict termination) се нарекува прекинот на вооружените непријателства меѓу страните во конфликтот.

3. Поим за војна

Германскиот воен теоретичар и историчар Клаузевиц ја дефинира војната како акт на насилство „преземен со цел да се принуди спротивната страна да ја исполни нашата волја“. Тој војната едновремено ја дефинира и како политички акт, односно како „продолжување на политиката на една држава со други средства“. Физичкото насилство е средство кое мора да биде политички мотивирано, бидејќи крајната цел на војната е политичка - потчинување на непријателот[7].

Според Панев, **војната е состојба на непријателство и сеопфатен, тотален и интензивен општествен судир и средство за разрешување на меѓународни спорови помеѓу народите, нациите, државите и групи на држави (сојузништва) или внатрешните, антагонистичките спротивности во рамките на нив, со примена на масовно и организирано оружено насилство, со истовремено ангажирање и содејство на нивните економски, политички, дипломатски, психолпшки и информативни сили и моќ и водење на борба во сите сфери заради наметнување на својата волја врз противникот и остварување на меѓусебно спротивставените економски, политички, национални и воено-стратегиски интереси и цели**[8].

Војната во определени историски периоди имала свои специфичности. Суштествени **елементи на поимот** на војната, гледано низ историјата, се следните:

⇨ Војната претставува ***вооружен судир*** меѓу организирани политички единки, при што таа се смета за основен атрибут на суверенота, а државите реципрочно ја признаваа состојбата на војна како законска. Таквата состојба траела се до Првата светска војна, кога Друштвото на народите делумно ја ограничи употребата на војната[*], додека со Повелбата на ООН војната е забранета.

⇨ Војната претставува организиран облик на ***насилство***, кој е правно регулиран и при чие избивање стапуваат во сила правилата на военото право.

⇨ Војната е израз на волјата на една од завојуваните страни да води војна, односно на нејзината намера на непријателот да му се ***наметнат определени решенија***.

[7] Klauzeviz von, C., (1982), On War, London, , p. 101-122.

[8] Панев, Т., 2000, Основи на полемологијата, „2-ри Август С“, Штип, стр. 81.

[*] Друштвото на народите не ја забрани војната на апсолутен начин, туку ја дозволи под определени услови. Според Пактот на Друштвото на народите, државите имаат обврска меѓусебниот спор кој би можел да доведе до повреда на мирот да го решаваат на некој од начините за мирно решавање на споровите предвидени во член 12 од Пактот. Доколку спорот не може да се реши на тие начини, државата може да започне војна, не кршејќи ги одредбите на Пактот.

Војните можат да бидат **класификувани** на повеќе начини, тргнувајќи од различни геополитички, воено-технички, општествено-политички и други критериуми.

- зависно од ***просторното дејствување***, може да бидат:
  - ***локални (регионални)*** и
  - ***светски војни.***

Локалната војна е вооружен судир којшто е ограничен просторно и според бројот на завојуваните страни. До Втората светска војна, како локални војни се сметаат војните кои се водат помеѓу две држави, а по Втората светска војна, под тој поим се подразбира судир во еден потесен регион, со ограничен број завојувани страни, на места во кои се судираат интересите на големите сили, но не доаѓа до директен судир меѓу нив. Карактеристично за овие судири е што големите сили, согласно со своите интереси, даваат воена помош и поддршка на една од завојуваните страни, како и што тоа не е секогаш истата страна во една локална војна.

Светските војни, како што покажува примерот на Втората светска војна, прераснуваат во тотални војни. Тоталната војна подразбира целосно подредување на политиката во војната и мирот на воените потреби и на воената стратегија, како и темелно уништување на противникот. Во современите услови развојот на воената техника е дополнителен елемент за прераснување на војните во тотални. Научните резултати отсекогаш биле користени и за воени цели, но особено по Втората светска војна, науката целосно се инкорпорира во воениот механизам и станува главен извор на моќ („термонуклеарна војна“, „електронска војна“, „војна на ѕвездите“).

Зависно од ***целта и политичката ориентација***, војните се делат на:

- ***ослободителни,***
- ***одбранбени,***
- ***напаѓачки,***
- ***верски и др.***

За правно дозволени се сметаат ослободителните војни, во рамките на процесот на деколонизација, и одбранбените, кои произлегуваат од начелото на самоодбрана (член 51 од Повелбата на ООН).

Зависно од ***видовите на војување***, војните се делат на:

- ***фронтални***, во кои борбените дејства се изведуваат преку судири на завојуваните страни на јасно определени фронтови, и
- ***партизански***.

Развојот на модерната воена технологија, со која боевите глави можат да се пренесуваат на големи далечини, во голема мера ја избриша класичната поделба на фронтални и заднински воени дејства.

Според ***родот на војската и местото на изведувањето*** на операциите, војните се делат на:

- ***копнени,***
- ***воздушни и***
- ***поморски.***

Според ***видот на борбените дејства*** на:

- ***офанзивни и***
- ***дефанзивни***.

Според поголем број мислења на стручњаци од оваа област војната претставува вооружен судир помеѓу две или повеќе држави кои меѓусебните недоразбирања се определиле да ги решат со употреба на сила. Покрај суверените држави, во вооружен судир т.е. во војна можат да учествуваат и сили на меѓународната заедница кои се во функција на воспоставување или зачувување на светскиот мир и безбедност. Затоа нормите на меѓународното и на военото право се однесуваат и на војните кои се водат помеѓу државите или, пак, и со учество на меѓународните сили.

Војната како појава има свои законитости и специфичности кои се издиференцирале во текот на историјата а тие се:

- Војната претставува вооружен судир меѓу организираните политички единки, при што таа се смета како основен атрибут на сувереноста, а државата реципрочно ја признава состојбата на војна како законска;
- Војната претставува организиран облик на насилство кој е правно регулиран и при чие избивање стапуваат во сила правилата на военото право;
- Војната е израз на волјата на една завојувана страна да води војна односно на намерата да се уништи непријателот или да му се наметнат определени решенија.

Современите сфаќања за војната одат и понатаму па неа не ја дефинираат само како водење вооружен судир, водење на операции, туку нешто пошироко, во што спаѓа и остварувањето на останатите, пред се политички цели. Исто така вооружената борба е еден вид војна, а во практиката има и се води и политичка, економска, психолошка и други видови на војна.

Во современата теорија за војната уште е позната и студената војна, која произлегува од блоковската поделеност на државите и која во основа се водела на политички, економски, пропаганден, психолошки, известителен и друг план.

4. Агресија-поим и дефиниција

ООН на седницата на Генералното заседание одржана во декември 1974 година усвоиле дефиниција за агресијата која гласи: ***Агресијата претставува меѓународно кривично дело, односно акција на една или повеќе држави против суверенитетот, територијалниот интегритет или политичката независност на друга држава, преземена со намера да се оспори правото на опстанок на државата, да се измени нејзиниот општествено-економски систем, да се отцепи дел од нејзината територија и слично.*** Во поимот агресија содржани се следните суштествени ***елементи:***

- ⇨ објективниот елемент, кој се однесува на ***конкретни активности***, како што се вооружен напад, бомбардирање на градовите и сл.;
- ⇨ субјективниот елемент, кој се однесува на ***намерата на агресорот*** да ја постигне својата цел, свесен за противправниот карактер на акцијата;
- ⇨ елементот на ***морална осуда*** на таквото однесување.
- ⇨ Според теоријата, агресијата може да биде:
- ⇨ ***директна,*** под која се подразбира напад на една држава врз друга;
- ⇨ ***индиректна***, која се одвива преку екокомска пропаганда, психолошки и други активности; и
- ⇨ агресија од ***дистанца***, кога една држава извршува напад врз друга со примена на ракетна и друга воена техника, без директно стапување на нејзиното тло.

Во практиката е особено значајно прашањето за определување на државата која ја извршила агресијата. Најчесто постојат обвинувања од двете страни и префрлување на вината од едниот на вториот, со што се сака да се залаже меѓународната заедница и да се избегнат санкциите кои следуваат за агресорот согласно со меѓународното право.

Утврдувањето на актот на агресија има двојно практично значење. Прво, тој претставува меѓународно кривично дело и повлекува меѓународна одговорност. Второ, согласно со Глава VII од Повелбата на ООН,

утврдувањето на актот на агресија е предуслов за придвижување на механизмот на колективната безбедност и за примена на принудните мерки за кои одлучува Советот на безбедност на ООН.

Во член 3 од Дефиницијата за агресија се наведуваат ***актите што потпаѓаат под поимот агресија***:

- ⇨ инвазија, напад на вооружените сили на една држава извршена со вооружените сили на друга држава;
- ⇨ бомбардирање, или употреба на какво било оружје против територијата на друга држава;
- ⇨ блокада на пристаништата или бреговите на една држава извршена со вооружените сили на друга држава;
- ⇨ напад на копнените или воздухопловните вооружени сили врз копнените, поморските или воздушните сили на друга држава;
- ⇨ употреба на вооружените сили што една држава ги држи на територијата на друга, спротивно на условите предвидени со спогодбата врз основа на која тие таму се наоѓаат;
- ⇨ ако некоја држава, која својата територија и ја ставила на располагање на друга, дозволи таа да се користи за изведување на акти на агресија против трета држава;
- ⇨ испраќање на вооружени банди, групи, нерегуларни сили или платеници, кои вршат акти на вооружена сила против друга држава,

Агресијата во овој документ е третирана како злосторство против меѓународниот мир, па затоа се предвидува и меѓународна одговорност за оние кои го вршат овој чин.

Заклучок

При поимното определување на конфликтите најчесто се подразбира судир меѓу две или повеќе лица или групи кои применуваат сила како средство за да победат или да се одбранат. Оттука, произлегува и класификацијата на конфликтите на интерперсонални, интергрупни и интрагрупни конфликти. Секој конфликт ги има следните три компоненти: страни во конфликтот, конфликтно однесување и конфликтни интереси.

Постојат бројни дефиниции за конфликтите. Тие се слични или различни, во зависност од тоа кои елементи се преферираат при

дефинирањето. Во некои дефиниции тоа се прави земајќи ги предвид позитивните или негативните ефекти кои ги носат конфликтите, во други се нагласуваат фазите на конфликтот, во трети се нагласуваат целите кои треба да се постигнат преку конфликтите и сл. Во секој случај, дефинирањето на конфликтите е мошне сложена проблематика и тоа да се направи во една куса дефиниција е практично невозможно. Сеопфатните дефиниции за конфликтите се широки и дескриптивни. Сето тоа се прави со цел полесно да се сознае сустината на конфликтите за да можат тие во иднина успешно да се трансформираат и разрешуваат.

NOTION AND DEFINITION OF CONTEMPORARY CONFLICTS

Summary

Peace and conflicts are the final social situations when talking about security in the broadest sense of word. Peace is a permanently desirable and it is often said thatit is a condition in which most successful people are confirmed as the most perfect social beings. Conflicts can be constructive or destructive by their nature. It depends on the goals to be achieved through their manifested forms and it is closely connected with the ways of their transformation and how they are solved. However, conflicts can be transformed and to resole them it is important to know their essence, or in other words to be notionally determined and defined. There are many definitions of conflics. This work is an attempt to make analyses of more frequently used definitions of conflicts and explicate their essence. Certainly, in this work terms which are closely connected within the range of peace and conflict such as war, aggression, etc .are being presented

***Key words**: conflict, war, aggression, transformation, resolving.*

Литература

1) Azar, E., The Management of Protracted Social Conflict: Theory and Cases. Aldershot: Dartmouth 1990.
2) Burton, J., World Society, Cambridge and New York: Cambridge University Press, 1972.
3) Vayrynen, T.: Socially Constructed Identities - a need for Identity Management? во Intra State Conflict: Causes and Peace Strategies, Working Papers 16, COPRI, 1997.

4) Galtung, J., Peace by peaceful means, PRIO: SAGE publications, Os1o, 1996.

5) Гоцевски, Т., Ортаковски, В., Георгиева, Л., Разрешување и трансформација на конфликтите, „Македонска ризница“, Куманово, 1999.

6) Георгиева, Л., Творење на мирот, Југореклам, Скопје, 2007.

7) Clark., B., Conflict Termination: Rational Model, National Security Studies, 1993.

8) Clauzewitz, V., C., On War, London, 1982.

9) Кузев, С., Основи на стратегијата за одбрана на Република Македонија (општа стратегија),, Југореклам, Скопје, 2001.

10) Кузев, С., Збирка на документи од областа на безбедноста и одбраната (стратегиски определби), Југореклам, Скопје, 2001.

11) Кузев, С., Арсовски, М., и Дамјановски, Р., Војната во Македонија во 2001 година, Матица Македонска, Скопје, 2006.

12) Кузев, С., „Кризата и начинот на справување со неа – причини за реформи во безбедносниот сектор во Република Македонија“ текст објавен во списанието “Современа Македонска одбрана”, број 7/2001, стр. 29-42.

13) Кузев, С., „Причините, условите и начинот на надминување на воената криза во 2001 - та година“, Научен собир: „Република Македонија 60 години по АСНОМ“: 1903 – 2003, Зборник од научниот собир одржан во Скопје на 15 и 16 декември 2004 година, МАНУ 2005, стр. 445 – 459.

14) Kreisberg, T.A., (at. al.) Intractable Conflict and their Transformation, Syracuse, New York: Syracuse University Press, 1989 и Azar, E., The Management of Protracted Social Conflict: Theory and Cases. Aldershot: Dartmouth 1990.

15) Мурџева-Шкариќ, О., Помирување и трансформација на хроничните конфликти, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 1996 год.

16) Мурџева-Шкариќ, О., Ненасилна трансформација на конфликти, Филозовски факултет, Скопје 2007.

17) Панев, Т., Основи на полемологијата, „2-ри Август С“, Штип, 2000.

18) Sandole, D., Ethnic conflict resolution in New Europe: A case for an integrated systems approach, 1993, во Balazs J. and Wiberg H. (ed): Peace Research for the 1990´s, Academia Kiado, Budapest

19) Smith D.: Patterns of Violent Conflict in Europe, IAI, Roma, 1997.

20) Smith, A., Conflict and collective identity: class, ethnic and nation, 1986, во Azar E. and Burton W. J .International conflict Resolution: Theory and Pratctice, Sussex: Wheatsheaf Books.

21) Фрчкоски, Д., Љ., Тупурковски, В., Ортаковски, В., Меѓународно јавно право, Скопје, 1995.

327.84(100)

Доц. д-р **Марјан БОГДАНОСКИ**[1]

ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА СОВРЕМЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ

Вовед

Тероризмот е, без сомнение, најголемата актуелна опасност за современиот свет откако е срушен биполарниот свет. Интересно е дека крајот на студената војна не доведе до поголем систем за безбедност и до поголемо владеење на правото. Напротив, вели Пол Вилкинсон, „дојде до ширење на светскиот неред во кои огорчените етнички и етничко-религиските судири станаа карактеристичен вид на војување од Кавказ и Балканот до јужна Азија и Средна Африка“.[2]

Ако е така, тогаш е природно светската заедница, сериозно и организирано (во смисла на посилна меѓународна соработка), да се позанимава со феноменот на тероризмот (што е тероризмот и кои сé негови дејствија подлежат на санкции). Сознанијата за неговите корени се претпоставка за успешна борба против тоа светско зло. Ова второто е извонредно важно од две основни причини: за да под изговорот за борба против тероризмот не би се загрозувале граѓанските слободи и права, ниту да се доведува во прашање легитимната борба на етничките заедници за национална еманципација. Светот, без сомнение, се наоѓа пред двоен предизвик: да го пронајде најадекватниот одговор на ескалацијата на тероризмот, но тој одговор да нема повратно негативно дејство по демократијата и по светскиот мир, два клучни столба на современиот свет[3].

Тероризмот како еден од облиците за насилство, се повеќе во современиот свет ја загрозува како внатрешната, така и меѓународната безбедност. Современиот тероризам доживеа нагла експанзија помеѓу 1950 и 1970 година, кога примената на насилството за политички цели или за подигнување на општествената свест стана популарна стратегија. Во доцните децении на минатиот век тероризмот се прошири надвор од границите на националните држави, стана битен израз на политичката волја и интернационален проблем. Од тие причини на тероризмот треба да му се спротиставиме, истовремено,

[1] Професор на Факултетот за детективи и криминалистика при Првиот Приватен Европски Универзитет, Република Македонија.

[2] Paul Wilkinson, *Terorizam protiv demokratije*, Zagreb 2002, str. 63

[3] Марковиќ, Миленко, Терор и тероризам, Рат/Мир,
http://www.yurope.com/zines/republika/arhiva/2003/306-307/306-307_13.html

со воено-полициска тактика, политика, финансиски, научно и со други аспекти кои се од значење за заштита од тероризмот. Бранот на тероризмот ја поткопува современата цивилизација предизвикувајќи големи потреси во меѓународните односи и на глобален план. Меѓутоа, посебен проблем постои тоа што до сега нема единствен став за суштинските елементи на тероризмот, како поим. Тие тешкотии произлегуваат од различностите на појавните облици на тероризмот, политичките цели кои со тероризмот сакаат да се остварат, различните организации, а во поново време и присутното тежнение на терористите да преземаат комплексни операции, кои вклучуваат низа меѓусебно поврзани дејствија во кои се вклучени поедини државни субјекти, криминални организации, фанатични поединци и многу други. Посебен проблем претставува воспоставениот образец за двојни стандарди „за едни терорист, за други борец за слобода“. Токму заради тоа се присутни разлики во дефинициите за тероризмот кои, зависно од авторите, даваат поголемо или помало значење на поедини негови елементи.

ПОИМ И ДЕФИНИЦИИ НА ТЕРОРИЗМОТ

Дефинициите на тероризмот претставуваат проблем околу кој сеуште не е можно да се пронајде консензус. Проблем се јавува во ситуациите кога поединецот, кого еден дел од општеството го нарекува терориста, станува идол или симбол на борец за слобода во другиот дел на тоа општество, што го остава проблемот за отворен. Од тие причини неопходно е да се дефинираат постапките кои се неприфатливи и противзаконити во контекст на кривичното законодавство на одредена држава, па и меѓународната заедница во целина. Тоа практично значи дека е потребно да се развие општествената свест на целото општество за тоа дека тероризмот е злостор, без разлика на која општествена група, неговите сторители, припаѓаат.

Потеклото на терминот тероризам, латински е од зборот: terror, преземен во францускиот јазик: terrorisime, terroriser, во значење средства за заплашување, насилство, до уништување на вредности и човекови животи[4].

Тероризмот подразбира доктрина, метод и средство за предизвикување страв и несигурност кај граѓаните со систематска примена на насилство.

Професорот од универзитетот од Horhtaun, Vilijem O Brajen смета дека тероризмот ретко кога е јасно дефиниран. Тероризмот може да биде и дополнителна стратегија во рамките на војната, но е единствен по употребата на вооружената сила и целите. „цел му е да создаде атмосфера на страв и

[4] kpa.edu.rs/forum/index.php?action=printpage;topic=1338.0

заплашување и да се предизвика губење на довербата во постоечките безбедносни системи, со тоа тие да ослабат и полесно да се доведат до распад".

Во кривичното право, како и воениот и безбедносниот домен, најраспространета дефиниција на тероризмот е прилично едноставна, а ја воспоставија прочуениот експерт на службата за безбедност за борба против тероризмот Брајан Џенкинс и водечкиот стручњак за истата материја од Универзитетот Џорџтаун, Волтер Лакер. Тие секој за себе го дефинирале тероризмот, но дошле до многу слични заклучоци.

Џенкинс ја нуди дефиницијата која многу често ја користел во своите консултации со силите за безбедност. Според него тероризмот е употреба или закана со употреба на сила, насочена за остварување на политички промени. Лакер вели дека тероризмот е незаконито користење на сила против невини лица со цел постигнување на политички цели.

Дури и во рамките на една држава постојат забуни околу единствената дефиниција. Во САД, владата на таа држава Стејт департментот (тероризмот го дефинира како предоминантно политичко мотивирано насилство извршено против невоени цели од страна на под-национални групи или тајни агенти, обично со намера за влијание на јавноста. Од друга страна Федералното истражно биро (ФБИ- the Federal Bureau of Investigation), користи други форми при дефинирањето на тероризмот: Тероризмот е користење на сериозно насилство против лица или имот, или закана со користење на истото насилство да се заплаши или принуди државата, јавноста или било кој дел од јавноста, со цел да се промовираат политички, социјални или идеолошки цели. Ваквата разлика помеѓу различните агенции или тела на иста влада можат да се објаснат во контекст на различните рамки и на дејствување и надлежност.

Прашањето што е тероризмот, а што не е, веќе подолго време ги окупира теоретичарите, експертите и политичарите. Можеби експертите би се сложиле околу единствената дефиниција, доклоку прашањето за тероризмот во себе не содржи во поголема мера и политичка компонента.

Пристапувајќи кон покомплексно кон феноменот на тероризмот, Божидар Јаворовиќ ја дава следната дефиниција:„Тероризмот е смислена, планирана, внимателно припремена, тајно организирана и спроведена насилна дејност (воглавно илегални, но на јавноста познати) организации или групации, насочени на недемократско, насилно остварување на јавно прокламирани политички и други цели, а е водена под мотото – целта ги оправдува средствата"[5].

[5] Božidar Javorović, Terorizam, Policija i sigurnost, 6/1-2, Zagreb, 1997

Обединетите нации го дефинираат тероризмот како акт на лишување од живот или ранување или акт на уништување или оштетување на имотот на цивили или влади, без јасна дозвола на одредена влада, од страна на поединци или група на луѓе кои самостојно дејствуваат, или влади кои дејствуваат од сопствени побуди или верувања, за да постигнат некоја политичка цел[6].

Професорот Симеуновиќ, Д. ја дава следната дефиниција: Тероризмот е сложен облик на организираното, индивидуалното и поретко институционално политичко насилство, обележан со застрашувачки физички и психолошки методи на политичка борба со кои обично во време на политички и економски кризи, а ретко и во услови на економска и политичка стабилност на едно општество, систематски се обидуваат да остварат „големи цели“ на потполно непримерен начин во дадени услови[7].

Терористичкиот акт е акт на физичко насилство, целта е предмет избран така да предизвика големи психички реакции, во прв ред страв кај поширок круг на луѓе во надеж дека тие ќе помогнат да се одржи или промени однесувањето кое е важно за постигнување на политички цели, ако таквиот акт не е оправдан со општите интереси кои се одредени независно од него и ако не е извршен по правилата кои вообичаено се применуваат на општествените видови на вршење на власта[8].

Професорот Милан Милошевиќ тероризмот го дефинира како плански акт на насилство, кои го преземаат определени општествени групи, со цел зачувување или освојување на власта и да тероризам се нарекува само оној терор кој во своето битие содржи социјално психолошка, односно политичка компонента[9].

Професорот Милан Мијалковски под тероризам подразбира примена на смислено, организирано и систематско насилство на несуверен (недржавен, невладин) субјект (група, банди, организација, политички странки и сл.) или суверен (државен) субјект, односно држава, одлучен да и со најгруба физичка сила над однапред одбрана (персонална) жртва, заради нејзино убиство, осакатување, киднапирање или психичко малтретирање, приоритетно да предизвика комплекси на страв или несигурност, апатија во средината во која е непосредна жртва на напад, за да би се постигнал проектираната политичка цел[10].

Американската научничка Sindi Kombs го дефинира тероризмот како „синтеза на војната и театарот, драматизација на најзабранетите видови на

[6] http://www.kpa.edu.rs/forum/index.php?action=printpage;topic=1338.0
[7] Симеуновиќ, Д, kpa.edu.rs/forum/index.php?action=printpage;topic=1338.0
[8] Dimitrievic, Vojin, Terorizam, Radnicka stampa, Beograd, 1982
[9] Milošević, Milan,; terorizam kao krivično pravna kategorija, Bezbednost, br. 4/88
[10] Mijalkovski, Milan; Terorizam i protivteroristička borba, Vojna Akademija, Beograd, 2003 g.

насилства, извршени на невини жртви и пред очите на јавноста, со надеж дека тие ќе предизвикаат расположение на страв, за политички цели“[11].

Во кривичното право, како и воениот и безбедносниот домен, најраспространета дефиниција на тероризмот е прилично едноставна, а ја воспоставија прочуениот експерт на службата за безбедност за борба против тероризмот Брајан Џенкинс и водечкиот стручњак за истата материја од Универзитетот Џорџтаун, Волтер Лакер. Тие секој за себе го дефинирале тероризмот, но дошле до многу слични заклучоци.

Џенкинс[12] ја нуди дефиницијата која многу често ја користел во своите консултации со силите за безбедност. Според него, тероризмот е употреба или закана со употреба на сила, насочена за остварување на политички промени. Лакер вели дека тероризмот е незаконито користење на сила против невини лица со цел постигнување на политички цели.

Дури и во рамките на една држава постојат забуни околу единствената дефиниција. Во САД, владата на таа држава Стејт департментот (тероризмот го дефинира како предоминантно политичко мотивирано насилство извршено против невоени цели од страна на под-национални групи или тајни агенти, обично со намера за влијание на јавноста. Од друга страна Федералното истражно биро (ФБИ- the Federal Bureau of Investigation), користи други форми при дефинирањето на тероризмот: Тероризмот е користење на сериозно насилство против лица или имот, или закана со користење на истото насилство да се заплаши или принуди државата, јавноста или било кој дел од јавноста, со цел да се промовираат политички, социјални или идеолошки цели. Ваквата разлика помеѓу различните агенции или тела на иста влада можат да се објаснат во контекст на различните рамки и на дејствување и надлежност.

Традиционалниот концепт на тероризмот го замени еден нов или како во теоријата се нарекува „супер тероризам“, претставен и применет од страна на религиските групи кои се опремени со оружје за масовно уништување кое се спремни да го употребат во секој момент.

Прашањето што е тероризмот, а што не е, веќе подолго време ги окупира теоретичарите, експертите и политичарите. Можеби експертите би се сложиле околу единствената дефиниција, да прашањето за тероризмот во себе не содржи во поголема мера и политичка компонента.

Обединетите нации го дефинираат тероризмот како акт на лишување од живот или ранување или акт на уништување или оштетување на имотот на цивили или влади, без јасна дозвола на одредена влада, од страна на

[11] Combs, C. Cindy, Terrorism in the Twenty – First Century, Upper Saddle River, New Jersy, Prentice Hall, Inc., 1997
[12] *Jenkins Brian: "Međunarodna politika" br.1046,)*

поединци или група на луѓе кои самостојно дејствуваат, или влади кои дејствуваат од сопствени побуди или верувања, за да постигнат некоја политичка цел[13].

Тероризмот е сложен облик на организираното, индивидуалното и поретко институционално политичко насилство обележан со застрашувачки физички и психолошки методи на политичка борба кои се обично во време на политички и економски кризи, а ретко и во услови на реализирана економска и политичка стабилност на едно општество систематски се обидуваат да остварат „големи цели“ на непримерен начин во дадени услови[14].

Терористичкиот акт е акт на физичко насилство, целта е предмет избран така да предизвика големи психички реакции, во прв ред страв кај поширок круг на луѓе во надеж дека тие ќе помогнат да се одржи или промени однесувањето кое е важно за постигнување на политички цели, ако таквиот акт не е оправдан со општите интереси кои се одредени независно од него и ако не е извршен по правилата кои вообичаено се применуваат на општествените видови на вршење на власта[15].

ОД КЛАСИФИКАЦИЈА КОН ТИПОЛОГИЈА НА СОВРЕМЕНИОТ/ГЛОБАЛНИОТ ТЕРОРИЗАМ

До скоро беа наведувани два главни видови тероризам: екстремно сепаратистички и државен. Првиот е од поодамна на европската сцена (баскискиот, корзиканскиот итн), вклучувајќи ги и САД („Тексас Република“, „Бели националисти“ итн.). „Државниот тероризам“ е исто така познат од порано (нацистички, сталинистички). Таласите на глобализацијата доведоа „меѓународен вирус на тероризмот“ или „глобален тероризам“, денес во две главни и меѓусебно спротиставени варијанти. Едната е во крилото на исламскиот фундаментализам со аспирации од создавање „светска исламска заедница“; тој тероризам е илегален, утопистички, изразито верски и осветнички (оттука вообичаениот назив „верски тероризам“).

Во еколошки поглед, тој тероризам уште не ја покрил селата земјина површина. Додека локално фрагментиран одамна се одржувал во регионите на Азија и Океанија, во текот на 20 век најизразен беше во западните европски региони (Италија, Шпанија, Франција, Англија, Балканот) и делимично во САД, воглавно како екстремна струја на главните сепаратистичко-сецеионистички движења. Би се кажало и не сосема случајно: кога таквите движења се распламтија во државите на Блискиот исток, потоа и на север и

[13] http://www.kpa.edu.rs/forum/index.php?action=printpage;topic=1338.0
[14] Симеуновиќ, Д, kpa.edu.rs/forum/index.php?action=printpage;topic=1338.0
[15] Димитриевиќ, В. kpa.edu.rs/forum/index.php?action=printpage;topic=1338.0

исток во Африка, во некои случаи како продолжение на војните во тамошните држави, се појави и зајакна тероризмот. Тоа дава повод да претходната касификација да се дополни спрема регионалните особености, разликувајќи европски тероризам од далекуисточниот, блискоисточниот, азискиот, а можеби и со уште потесна локација (италијански, шпански, балкански, француски итн.). Секако дека сите тие поделби се условени и прелиминарни, посебно ако се има во предвид географскиот распон те. местото на извршување на акциите и терористичкото организационо јадро, како и разликите во силината на ударите. „Европскиот тероризам“ е претежно индивидуалистички и локален, обично насочен против носителите на највисоката власт и временски доста прореден. „Арапскиот тероризам“, судејќи според актерите и масовноста и, ослонувајќи се на своите „испостави“ дејствува практично во сите држави/континенти, и според тоа е навистина „глобален“[16].

КАРАКТЕРИСТИКИ НА СОВРЕМЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ

За да ја оправда тезата за постоењето на феноменот „нов тероризам“, Walter Laqueur во уводот на својата книга Нов тероризам – фанатизам и оружје за масовно уништување помеѓу останатото, напишал: „412 лица, меѓу кои многу деца и жени, се усмртени во терористичкиот напад изведен во Алжир во 1997 година. Нешто помалку луѓе, 328 биле усмртени во авионот Аир Индија во кој експлозив поставија терористите во 1985 година, додека во катастрофата над шкотскиот Lockerbij во 1988 година во Пан Амовиот авион животот го изгубиле 278 лица. [17] Со оглед на времето кога е пишувана ова книга не е опфатен терористичкиот напад на САД изведен на 11 септември 2001 година во кој животот го изгубија повеќе илјади лица. Повеќе од претходните, овој напад предупреди за некои нови околности и феноменологијата на тероризмот – начинот на нападот, бројот на жртвите, безобзирноста.

Фасцинантно и готово неверојатно звучи фактот дека, современите терористи, тероризмот го сваќаат за рационален избор за остварување на нивните политички цели. Тие го одбрале патот на разорување, крвопролевање, страв и паника ширум светот. Затоа секоја држава има обврска да се бори против ова големо зло на денешницата.

Анализирајќи ги глобалните теристички активност во последните 30 години, може да се забележи дека терористичките напади стануваат се

[16] Миодраг, М, Београд, Савремени/глобални тероризам:социолошки приступ, http://www.komunikacija.org.yu/komunikacija/casopisi/sociologija/XLVI_4/02/html_ser_lat
[17] Walter Laqueur, The New Terrorism – Fanatism and the Arms of Mass Destruction, London, 1998, str. 3

посмртоносни, а бројот на терористичките напади кои за последица имаат многу мртви, растат[18].

Традиционалниот концепт на тероризмот го замени еден нов или како во теоријата се нарекува „супер тероризам“, претставен и применет од страна на религиските групи кои се опремени со оружје за масовно уништување кое се спремни да го употребат во секој момент.

Анализирајќи ги терористичките активности во поглед на непосредните жртви по региони, воочливо е дека Европа, Латинска Америка и Блискиот исток имаат најголем степен на терористички закани. Таквиот тренд на жртвите е продолжен и во текот на 21 век, што резултираше со стотини терористички операции во светот. Кога станува збор за терористичките организации, евидентен е постојан раст на бројот на поединците и организациите кои го спроведуваат тероризмот. Од деведесетите години е воочлива регрутација на терористите ширум светот, воспоставување на терористички кампови за обука, соединување на милитарните групи во Индонезија, Филипини, Сингапур, Малезија, Тајланд и Мјанмар. Изразена е тенденцијата на мрежно организирање на терористичките организации. Најдобар пример е терористичката мрежа „Ал Каеда“. Терористичките ќелии на „Ал Каеда“ се наоѓаат во Југоисточна Азија, каде и постои најголема концентрација на членови на „Ал Каеда“[19] надвор од границите на Авганистан и Пакистан, во кои се наоѓаат нејзините матични ќелии. Во 35 држави ширум светот постојат оперативни терористички ќелии на „Ал Каеда“[20].

Деведесетите години од минатиот век тероризмот го обележа дотогаш на најлош можен начин. Од 1993 година отпочнува крвавата серија на терористички напади до тогаш малку познати, но сериозно раширени мрежи познати под имато Ал Каеда. На чело со ветеранот на војната во Авганистан, Саудиецот Осама бин Ладен, Ал Каеда стана синоним за модерен меѓународен тероризам и пример за другите терористички организации

[18] околу 66% од Европјаните го гледаат меѓународниот тероризам како „многу сериозна“ закана, во однос на 58% од 2005 година. Околу 79% од Американците се сложуваат со тие гледишта, во однос на 72% од 2005 година. Овие податоци се објавени од Германскиот Маршалов фонд (GMF). 18.09.2006 http://www.setimes.com/2006/09/18/reportage-01

[19] 22% веруваат дека Ал Каеда е ослабена, додека 29% смета дури дека ова терористичка организација ги има зајакнато своите позиции после објавувањето на војната против тероризмот. ова истражување го има спроведено организацијата за испитување на светското јавно мислење GlobeScan на примерок од 24.000 лица од 23 држави. негативен став во врска со Ал каеда имале повеќето испитаници, а ислкучок биле Египет и Пакистан, две држави кои се директно замешани со таа организација. Така во Египет 60%, а во Пакистан 41% од анкетираните имаат позитивен или релативно позитивен став за Ал-Каеда. истражувањето е спроведено од 8 јули до 12 септември 2008 година. BBC. Rat protiv terorizma I Al-Kaide bez ucinka. Извор: Германска агенција DPA
http://www.minber.ba/index.php?option=com_content&task=view&id=2379&Itemid=46

[20] Дефендологија центар за бјезбедносна, социолошка и криминолошка истраживања. Друштвени аспекти тероризма. 30. 06. 2007,

ширум светот. Модус операнди на Ал Каеда е преземен од Хезболах (возила-бомби, синхронизирани напади на симболични мети, огромен број на жртви), и тој денес е заштитен знак на ова терористичка мета.

Мрежата Ал Каеда ги помсти стандардите после 11 септември 2001 година со нападот на двете згради на Светскиот трговски центар во Њујорк и на зградата на американското министерство за одбрана и американската војска (Пентагон). Во овие напади погинаа преку 3.500 лица, воглавно цивили. [21]

Современиот/глобален тероризам го карактеризира територијалното ширење, зафаќајќи ги големите светски региони, потоа негово умножување и зајакнување на интензитетот на терористичките атаци. Глобалниот тероризам се повеќе се покажува како вид на војна во постиндустриската ера. Како последица на тоа се повеќе судири се водат со спротивставување на цивили меѓусебно или со различни воени или паравоени сили. На зголемувањето на просторот за асиметрични судири им погодува зголемувањето на автократските држави во неразвиените држави од една страна, и смалувањето на класичната улога на државата во осигурувањето на социјалната и безбедносната стабилност во поголемиот дел развиени држави од друга страна. Споменатите појави во корелација со новите можности детерминирани од технолошката револуција на подрачјето на информационата технологија создаваат нови воено-безбедносни услови и предизвици кои доминантно влијаат на состојбата на глобалната безбедност[22].

Во современите услови, глобалниот тероризам, избори високо место на листата на приоритети на националната безбедност. Ако порано било возможно да некоја држава преземе позиција на „неутралност“ затоа што не била директно загрозена, денес таквиот став е скоро незамислив. Геополитиката на тероризмот е глобална и ако некој не сака да се занимава со тероризмот, тероризмот сигурно ќе се занимава со него. Терористичките напади на САД од 11 септември 2001 година претставуваат акт на безумието поради кои повеќе ништо нема да биде како што било, како во САД така и во останатите делови на цивилизираниот свет и во меѓународните односи во целост. Нападите во САД значеа фундаментален предизвик на американското цивилно општество и американската безбедност, како и целокупното човештво и современата цивилизација. 11 септември претставуваше последна опомена не само на САД туку и на целата меѓународна заедница дека секој следен терористички напад би можел да го опфати и оружјето за масовно уништување, а по последиците би можел да биде многу поразорен. Токму поради тие реални закани, сегашната администрација на

[21] Димитриевиќ, Иван. Проблематика научно-теоријског дефинисања тероризма, стр. 968, Безбедност, 06/05

[22] Hoffman B. Terrorism and Counterterrorism After September 11th, US Foreign Policy Agenda, 2002

САД тероризмот го прогласи за најголема закана на сопствените интерси и националната безбедност. За сите кои научно се занимаваат со меѓународните односи, 11 септември 2001 година секако е ден кој ќе се земе како пресвртница во развојот на целокупните меѓународни односи што резултираше со соработка на сите цивилизирани држави во спротиставувањето на заедничката закана од тероризмот[23].

Настаните после 11 септември покажаа дека современиот тероризам може да предизвика и преиспитување и стратешки промени во безбедносните и антитерористичките политики и безбедносните механизми на повеќе држави. Тероризмот дефинитивно престана да биде само вид на криминален акт, како инаку се третираше во законодавството и антитерористичките политики на поедини држави. Најзначаен тренд, и тој кој најмногу загрижува, во светскиот тероризам е неговата поголема смртност и тенденцијата спрема индискриминативните напади на јавни места[24].

Карактеристиките на тероризмот се врзани за неговото манифестирање и тоа го прави специфичен. Тероризмот се манифестира во вршење на терористички акти, кои имаат одредени карактеристики. Носителите на секој облик на тероризам, а со самото тоа и на терористичкиот акт, е човек и тоа како припадник на некоја терористичка организација. Тероризмот е условен со постоењето на терористичката организација. Понатака карактеристично на тероризмот е дека терористичките акти се, во повеќето случаи, насочени против цивилно население, со тежнение да се тероризира поголем сегмент од општеството од непосредните жртви, со што настојуваат да ги остварат проектираните терористички цели.

Како основни карактеристики на тероризмот се сметаат: 1. Актот на насилство, 2. Предизвикување страв, 3. Остварување на политички (криминални) цели, 4. Пренесување на одредени пораки, 5. Организираност, 6. Бруталност, неморалност и ирационалност на терористичкиот акт, 7. Избор на жртвата и објектот на нападот, 8. Противзаконитоста на терористичкиот акт и 9. Осуда на тероризмот[25].

1. Актот на насилство

Еден од најбитните елементи на тероризмот е насилството. Секој терористички акт е, токму, акт на насилство. насилството најчесто се огледа во грубата употреба на сила, по пат на различни начини и средства. Една од

[23] Vukasovic, Bozo, 2007, Utjecaj terorizma na međunarodnu (globalnu) sigurnost; http://www.hrvatski-vojnik.hr/hrvatski-vojnik/1242007/teror.asp

[24] Ian O. Lesser i dr., Countering the New Terrorism, "RAND", 1999, Стр. 10

[25] Дефендологија центар за бјезбедносна, социолошка и криминолошка истраживања. Друштвени аспекти тероризма. 30. 06. 2007, http://defendologija.com/latinica/materijali/drustveni_aspekti_terorizma_30-06-07.htm

карактеристиките на насилството е неговата несразмерност, заради остварување на определена цел.

2. Предизвикување на страв

Предизвикувањето на страв и други психички реакции спрема жртвата и објектот на нападот е вториот битен елемент. Предизвикувањето на состојбата на анкциозноста, како последица на терористичкиот напад, е саканиот ефект кон кого тежнее носителот на тероризмот. Заради тоа, со терористичкиот акт не се сака да се погоди само непосредната (попатната) жртва на нападот, туку целта на терористичкиот акт е да се предизвика чувство на интензивен страв кај поширока група, која се поистоветува со жртвата на нападот.

3. Остварување на политички (криминални) цели

Лепезата на политичките цели кои се сака да се реализираат со тероризмот е широка, и бара согледување на сите аспекти, кои на терористичкот акт му даваат елемент на политичност. Најчесто се работи за нескладност на политичките цели и средствата за нивното реализирање, што значи дека политичките цели се настојува да се остварат на недозволен и неприфатлив начин.

4. Пренесување на одредена порака

Составниот елемент на тероризмот е пренесување на одредена порака, со која носителите на тероризмот укажуваат на своите цели, намери, мотиви итн. Пораката е насочена како спрема жртвата и објектот на нападот, така и спрема неговите истомисленици. Токму заради таа причина присутен е феноменот „преземање на одговорност“ за извршениот терористички акт.

5. Организираност

Организираноста подразбира постоење на терористичка организација, како непосреден носител на тероризмот, кои се формираат и дејствуваат во илегала. терористичките организации планираат, припремаат и се одговорни за изведувањето на терористичките напади. Покрај илегалните терористички организации постојат и такви терористички организации кои ги спонзорира одредена држава и кои дејствуваат во интерес на истата. Разни се облиците на организирање на терористичките организации, но се поприсутна е тенденцијата на тн „мрежно“ организирање на терористиките организации[26].

[26] ибид

6. Бруталност, неморалност и ирационалност на терорисричкиот акт

Овие елементи се карактеристики на терористичкиот акт кои му даваат посебна конотација и го сместуваат во редот на најголемите злосторства и опасности на денешницата.

7. Изборот на жртвата и објектот на нападот

Ова е една од најзначајните карактеристики на тероризмот. подразбира голема разноликост на жртвите и објектите на нападот. Се стекнува впечаток дека нема жртва, ниту објект кој не може да биде објект на напад на терористи[27].

8. Противзаконитост на терористичкиот акт

Ова е општа карактеристика на тероризмот, зашто секој терористички акт, пред се, со правни норми е забранет. поради тоа извршувањето на терористичкиот акт како со меѓународни, така и со внатрешни правни прописи е окоарактеризирано како кривично дело и како такво е најстроко забрането.

9. Осуда на тероризмот

Ова би била една атипична особина на тероризмот, која не е во врска со конкретното вршење на терористичкиот акт, но de facto е секојпат присутна кога се зборува за тероризмот. нема терористички чин кој не е осуден како таков[28].

АНТИТЕРОРИЗАМ

Уважувајќи го претходно кажаното, јасно е дека тероризмот претставува повеќеслојна појава, како и дека има многубројни причини кои доведуваат до тероризмот. Спречувањето на тероризмот претпоставува познавање на криминалните појави, политички, економски, социјални и општествени причини и услови кои до нив доведуваат. Од таа причина потребен е мултидисциплинарен пристап за спротиставување на тероризмот. Неопходно е изградување на антитеристичка стратегија, која ќе може успешно да одговори на предизвиците од современиот тероризам. дел од мерките кои државите мора да ги преземат во ова насока се следните преземено од

[27] ибид
[28] ибид

International Cooperation in Fighting Against International Terrorism, ISPAC, 2001):

Политички антитерористички мерки

Тоа се мерки и дејствија кои се насочени на решавање на судирите со средствата за јавен дијалог и тн. тајна дипломатија. Со нив се повикуваат терористичките организации да учествуваат во масовни движења кои донесуваат одредени, па и политички промени, се афирмира формирањето на опозициони структури и движења со кои се смалува влијанието на терористичките организации, се дава делумна или условна амнестија на членовите на некои терористички движења кои се на граница со тн. револуционерни осолободувачки движења итн.

Економски и социјални антитерористички мерки

Овие мерки се насочени против монетарните и социјалните аспекти на тероризмот. Со овие мерки се настојува да се елиминираат социјалните причини на тероризмот по пат на разни социјални програми (програми на запослување и отворање на легални алтернативи). Исто така, со нив се забранува финансирање на терористичките организации, како и соработка на државата на следење и конфискација на фондовите кои служат за финансирање на тероризмот[29].

Психолошко-комуниколошко-образовни антитерористички мерки

Преку овие мерки се настојува да се воспостави заеднишки систем на вредности зарди остварување на дијалог со политичките противници и да се осигура слободното изразување на мислењето. Ова група на мерки се однесува и на специфични прашања за користењето на медиумите во услови на антитерористичката кампања (забрана за интервју на терористи, едукација на новинарите за начинот на известување за терористичките акти и сл.)[30]

Разузнавачко и воено-полициски антитерористички мерки

Со овие мерки се обезбедува заштита на потенцијалните објекти (човечки и материјални) од терористичко дејствување. правовременото располагање со разузнавачки податоци поврзани со терористичката дејност, е од пресудна важност за спречувањето на тероризмот. Овие мерки подразбираат и

[29] International Cooperation in Fighting Against International Terrorism, ISPAC, 2001
[30] International Cooperation in Fighting Against International Terrorism, ISPAC, 2001 види повеќе кај derencinovic, Davor, Novi antiterorizam na razmeđu depolitizacije I dejuridizacije, Zbornik Pravnog fakulteta u Zagrebu, 2002/3-4.

формирање на посбни антитерористички воени и полициски единици специјално оспособени за борба против тероризмот.

Правни антитерористички мерки

Со овие мерки на ниво на меѓународна заедница и во рамките на внатрешниот правен поредок се создаваат претпоставки за успешна превенција и репресија на сите видови и појавни облици на тероризмот. Тие мерки вклучуваат донесување на меѓународни конвенции со кои се регулираат прашања за дефинирањето на тероризмот, финансирањето на терористичките организации, прашањата за екстрадиција на меѓународните терористи итн[31].

КАЗНЕНО-ПРАВЕН ОДГОВОР НА ТЕРОРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Република Македонија активно учествува во глобалните активности на планот на борбата против тероризмот во рамките на Организацијата на Обединетите нации, ЕУ, НАТО, ОБСЕ, Советот на Европа и други релевантни организации.

Активностите во рамките на ОН се артикулираат преку имплементацијата на конвенциите и инструментите на кои имаме пристапено, и тоа од вкупно 13 (тринаесет) се ратификувани 11 (единаесет) конвенции. Во 2006 г. беше ратификувана Конвенцијата за спречување на актите на нуклеарен тероризам (потпишана во 2005 година). Ратификувана е и Конвенцијата за нуклеарна безбедност а во мај 2006 г. беше донесен посебен Закон за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја, во функиција на имплементација на истоимената конвенција на ОН. Република Македонија продолжува активно да соработува со Контра-терористичкиот комитет на СБ на ОН и досега има доставено еден иницијален и три дополнителни извештаи за имплементацијата на обврските на национално ниво во борбата против тероризмот. РМ го поддржа усвојувањето, на 8 септември 2006 година, на Глобалната стратегија на ОН за борба против тероризмот и се залага за имплементација на Планот за акција и мерките содржани во Стратегијата[32].

Сродни активности во поглед на борбата против тероризмот, Република Македонија превзема и во рамките на Советот на Европа[33], при што се пот-

[31] Дефендологија центар за бјезбедносна, социолошка и криминолошка истраживања. Друштвени аспекти тероризма. 30. 06. 2007, http://defendologija.com/latinica/materijali/drustveni_aspekti_terorizma_30-06-07.htm

[32] http://www.mfa.gov.mk/default1.aspx?ItemID=263

[33] **Публикации на Советот на Европа**. *1.Тероризам: Посебни истражни мерки (2005)* За да бидат во состојба да се борат против тероризмот и тешките облици на криминалот, вклучително и на тероризмот органите кои ги спроведуваат законите мораат да ги прилагодат

пишани или ратификувани речиси сите релевантни конвенции и инструменти од оваа материја. Иницирана е постапката за потпишување на Конвенцијата на СЕ за превенција на тероризмот. Република Македонија со свои експерти активно учествува на состаноците на Комитетот на СЕ за борба против тероризмот. Во доменот на регионалната соработка, во октомври 2006г. РМ го потпиша Пактот за борба против тероризмот и организираниот криминал заедно со другите шест земји од регионот (Србија, Хрватска, БиХ, Ц.Гора, Романија и Албанија).

По трагичните настани од 11 септември станавме свесни за тоа каква сериозна закана претставува меѓународниот тероризам за мирот и демократијата во светот. Поради тоа Република Македонија активно и ги подржува меѓународната заедница за борба против глобалниот тероризам.

Одредбите на Кривичниот законик на Република Македонија се во согласност со меѓународните кривично-правни стандарди за борба против тероризмот. Дирекцијата за спречување на перење пари (основана во 2002 г.) изготви нацрт-закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризмот којшто треба да биде донесен до крајот на 2007 г. и е насочен кон натамошна хармонизација на домашното законодавство со меѓународната регулатива во оваа област. Собранието на Република Македонија неодамна го донесе Законот за рестриктивни мерки (стапи во сила на 1 јуни 2007 г.). Со цел да се унапреди соработката меѓу телата и органите во оваа област, Владата на Република Македонија основа Советодавно тело за борба против перење пари и финансирање на тероризмот. Република Македонија е земја-членка на сите поважни меѓународни правни инструменти за борба против меѓународниот тероризам (Обединетите Нации и Советот на Европа)[34].

Од јануари 2008 година со измените и дополнувањата на Кривичниот законик се воведе ново кривично дело во чл. 394-в: Финансирање на тероризам како и на кривично дело Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста.

своите истражни методи и да развијат посебни истражни техники. поради опасноста од кршење на правата на поединците, посебните истражни техники мораат да подлежат на контрола. *2. Тероризам: Заштита на сведоци и соработници на правдата (2006)* Во борбата против тероризмот државите често се ослонуваат на сведочење на лица кои се тесно поврзани со терористичките групи и кои се повеќе од другите загрозени со заплашување од страна на терористичките групи или нивни блиски лица. Тоа може да го загрози успехот на процесот на кривичното гонење кои често почиваат на долги и сложени истраги. Зајакнувањето на меѓународната соработка во оваа област исто така претставува корисен начин да се обезбеди заштита на лицата чија заштита на ниво на поедини држави би се покажала за тешка со оглед на условите кои владеат во државата во која се наоѓаат.
http://www.coe.int/t/e/legal_affairs/legal_co-operation/fight_against_terrorism/ 2008.

[34] http://www.mfa.gov.mk/default1.aspx?ItemID=263

Република Македонија активно учествува во глобалните активности на планот на борбата против тероризмот во рамките на ООН, ЕУ, НАТО, ОБСЕ, Советот НА европа и други организации.

Во Советот на Европа Република Македонија ги има потпишано или ратификувано речиси сите релевантни конвенции и инструменти од ова материја. Република Македонија со свои експери активно учествува на состаноците на Комитетот на Советот на Европа за борба против тероризмот.

Одредбите од Кривичниот Законик на Република Македонија се во согласност со меѓународните кривично-правни стандарди за борба против тероризмот. Дирекцијата за спречување на перење на пари (формирана 2002 година) изготви нацрт закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризмот и е насочена кон понатамошно хармонизирање на домашното законодавство со меѓународната регулатива во ова област.[35] Република Македонија е држава - членка на сите поважни меѓународно правни инструменти за борба против меѓународниот тероризам (ОН и Советот на Европа).[36]

Во 2008 година донесени се и измените во законот за следење на комуникациите. Во измените таксативно се наброени кривичните дела за кои може да може да се примени прислушување телефони, снимање, отворање пошта...[37].

Понатака се воведе нова Глава XIX-а: Заштита на сведоците, соработниците на правдата и жртвите[38].

[35] ИмајЌи го предвид фактот дека меЃународната регулатива од областа на борбата против перењето пари и финасирањето на тероризмот постојано се менува како резултат на постојаната појава на нови техники на перење пари и финансирање на тероризам, неопходно е континуирано следење и хармонизирање на домаШната легислатива со меЃународните правила и стандарди. Како држава аспирант за членство во ЕУ, од големо значење за интегрирањето во евро-атланските структури е следењето и имплементирањето на одредбите и директивите од ЕУ во домаШното законодавство

[36] http://www.mfa.gov.mk/default1.aspx?ItemID=263

[37] Закон за изменување и дополнување на законот за кривичната постапка, Службен весник на Република Македонија бр. 74 од 22 октомври 2004 година. http://www.mlrc.org.mk/ZAKONI/z2004108.htm

[38] Закон за изменување и дополнување на законот за кривичната постапка, Службен весник на Република Македонија бр. 74 од 22 октомври 2004 година. http://www.mlrc.org.mk/ZAKONI/z2004108.htm

THE CHALLENGES OF MODERN TERRORISM

This paper deals with terrorism, which has in the last decade of the 20th century, especially after its horrifying culmination in the USA on 11 September 2001, when over 3,000 people lost their lives, triggered a chain of scientific discussions about whether the world is entering an era of "new terrorism" and how the international community should react to it. The events following 11 September have shown that contemporary terrorism could lead to reconsidering and strategically changing the security and anti-terrorist policies and security mechanisms of a number of countries. Terrorism has definitely grown into something more than just a type of criminal act, as it was previously defined in the legislature and the anti-terrorist policies of certain countries.

In modern conditions, global terrorism has ranked high on the national security's list of priorities. While before countries could easily take a neutral position towards terrorism, if not directly endangered by it, today it is virtually impossible. The geopolitics of terrorism is global and if someone refuses to deal with it, it will unquestionably become its victim.

This wave of terrorism is undermining the modern civilization, causing major instability in international relations all over the world. An additional problem is that so far no universal attitude has been adopted regarding the crucial elements of terrorism as a term. This difficulties arise from several factors: the variety of terrorist phenomena, the political demands terrorists want to achieve, the different organizations, and lately the tendency of terrorists to undertake complex operations that comprise a series of interconnected activities involving certain state elements, criminal organizations, fanatic individuals, and many others.

***Key words**: terrorism, anti-terrorism, Criminal Code, Law on Criminal Procedure*

Литература

1. Combs, C. Cindy, Terrorism in the Twenty – First Century, Upper Saddle River, New Jersy, Prentice Hall, Inc., 1997
2. Dimitrievic, Vojin, Terorizam, Radnicka stampa, Beograd, 1982
3. Димитриевиќ, В. kpa.edu.rs/forum/index.php?action=printpage;topic=1338.0
4. Derencinovic, Davor, Novi antiterorizam na razmeđu depolitizacije i dejuridizacije, Zbornik Pravnog fakulteta u Zagrebu, 2002/3-4.
5. Defendologija centar za bjezbednosna, socioloska I kriminoloska istrazivanja. Drustveni aspekti terorizma. 30. 06. 2007
6. Dimitrievic, Ivan. Problematika naucno-teoretskog definisanja terorizma, стр. 968, Безбедност, 06/05

7. Hoffman B. Terrorism and Counterterrorism After September 11th, US Foreign Policy Agenda, 2002
8. Ian O. Lesser i dr., Countering the New Terrorism, "RAND", 1999, str. 10
9. International Cooperation in Fighting Against International Terrorism, ISPAC, 2001
10. *Jenkins Brian: "Međunarodna politika" br.1046,) Javorović, Božidar. Terorizam, Policija i sigurnost, 6/1-2, Zagreb, 1997*
11. Марковиќ, Миленко, Терор и тероризам, Рат/Мир, http://www.yurope.com/zines/republika/arhiva/2003/306-307/306-307_13.html
12. Milošević, Milan,; terorizam kao krivično pravna kategorija, Bezbednost, br. 4/88
13. Mijalkovski, Milan; Terorizam i protivteroristička borba, Vojna Akademija, Beograd, 2003 g.
14. Miodrag, M. Beograd, Savremeni/Globalni terorizam: socioloski pristup http://www.komunikacija.org.yu/komunikacija/casopisi/sociologija/XLVI_4/02/html_ser_lat
15. Симеуновиќ, Д, kpa.edu.rs/forum/index.php?action=printpage;topic=1338.0
16. Walter Laqueur, The New Terrorism – Fanatism and the Arms of Mass Destruction, London, 1998, str. 3
17. Wilkinson, Paul. *Terorizam protiv demokratije*, Zagreb 2002, str. 63
18. Vukasovic, Bozo, 2007, Utjecaj terorizma na međunarodnu (globalnu) sigurnost; http://www.hrvatski-vojnik.hr/hrvatski-vojnik/1242007/teror.asp
19. Закон за изменување и дополнување на законот за кривичната постапка, Службен весник на Република Македонија бр. 74 од 22 октомври 2004 година.
20. Закон за изменување и дополнување на законот за кривичната постапка, Службен весник на Република Македонија бр. 74 од 22 октомври 2004 година.
21. http://www.kpa.edu.rs/forum/index.php?action=printpage;topic=1338.0
22. http://www.yurope.com/zines/republika/arhiva/2003/306-307/306-307_13.html
23. http://www.setimes.com/2006/09/18/reportage-01
24. www.minber.ba/index.php?option=com_content&task=view&id=2379&Itemid=46
25. http://www.mfa.gov.mk/default1.aspx?ItemID=263
26. http://www.mlrc.org.mk/ZAKONI/z2004108.htm
27. http://www.coe.int/t/e/legal_affairs/legal_co-operation/fight_against_terrorism/ 2008.
28. http://www.mfa.gov.mk/default1.aspx?ItemID=263

796.85.015.15-057.875

Доц. д-р **Јадран КАЛКОВСКИ**

ВЛИЈАНИЕТО НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ФИЗИЧКАТА ПРОВЕРКА НА СТУДЕНТИТЕ ВО ИЗРАБОТКА НА КВАЛИТЕТНА ТРЕНАЖНА ПРОГРАМА

Апстракт

Спецификата на предметот Специјално физичко бара изработка на соодветна тренажна програма која ќе ги задоволи сите критериуми во доменот на оптоварувањето и дозирањето на напорот кај студентите. Со оглед дека студентите доаѓаат од различна средина, со разлики во моторичката култура, степенот на тренираност и физичката подготвеност и самиот пристап во изработка на програма бара соодветна селективност во изборот на вежбите.

Резултатите од првиот колоквиум се појдовна основа за понатамошна изработка на тренажните програми. Треба да се напомене дека со реализација на тренажната програма нивото на моторичката култура се збогатува а со тоа и физичката подготвеност, така што понатамошните тренажни содржини треба да претрпат соодветни корекции во доменот на оптоварувањето и дозирањето. Основна целта е студентите да дојдат до соодветно ниво на општата физичка подготвеност и усовршена техника од борилачките вештини.

Клучни зборови: *општа издржливост, борилачките вештини, оптоварување, дозирање, постигнати резултати.*

Вовед

Со оглед дека оваа е прва година на Факултетот за детективи и криминалистика се наметна потреба од изработка на соодветна тренажна програма по предметот Специјално физичко образование. Содржините треба да ги задоволат сите барања кои ги наметнува професијата детектив.

Во изработката на предметните содржини треба да се има предвид за сеопфатеност на физичките активности кои со својата содржина имаат влијание врз целокупниот развој на локомоторниот апарат и одредени мускулни регии. Тие содржини треба да придонесат за развој на аеробната (општата

издржливост), анаеробна (брзинска издржливост), експлозивната сила на рацете и раменскиот појас, абдоминалната (стомачна) мускулна регија, експлозивната сила на долните екстремитети а со примена на спортските игри како комплексни физички активности истите да бидат применувани.

Затоа постигнатите резултати од првиот колоквиум можат да бидат добра основа во изработката на наредните тренажни програми. Земајќи ги предвид предиспозициите на студенти кои се со различна моторна култура и физичка подготвеност, треба да се внимава во оптоварувањето и дозирањето. Некој од студентите се запишани на факултет со изразито недоволно физичко образование, несоодветна физичка подготвеност и сиромашна моторика.

Таа состојба дополнително ја отежнува изработката на тренажната програма, која во својата примена бара постапност во оптоварувањето при изведување на физичките активности.

За да се намали времетраењето на подготовката на послабо подготвени студенти, содржината на тренажната програма треба да биде така поставена да овозможи напредок на послабо подготвени студенти. Но исто така да се води сметка кај студентите со подобра моторика и физичка подготвеност да недојде до стагнација на физичката подготвеност.

МЕТОД НА РАБОТА

Примерок на испитаници се 55 студенти со мешовит полов состав, поделен во две групи. Застапеноста кај машкиот пол, е со 26 (47.27%) студенти и 29 (52.72%) студенти кај женскиот пол. За потребите на овој труд земени се постигнатите резултати од првиот обид при совладување на полигон од првиот колоквиум.

Колоквиумот е составен од 9 работни точки кои во своите содржини се опфатени со вежби за брзинска издржливост, прескокнувања на соодветни пречки, провлекување низ соодветни пречки, во партер беа застапени основните елементи од гимнастика (колут напред - назад), елементи од вежби за јакнење на силата на рацете и раменскиот појас и вежби за јакнење на абдоминална мускулна регија (стомачни мускули). Сите овие работни точки со содветна физичка активност треба да се совладаат за што е можно пократко време изразено во секунди.

Треба да се напомене дека вреднувањето на постигнатите резултати е според дадените стандарди кои носат одреден број на бодови. За освоено бодовното салдо се добиваат поени. Пристапот на оценувањето е различен, тој пред се зависи од половата припадност на студентот. Единствено кај тестот за проценка на силата на абдоминалната (стомачна) мускулна регија вреднувањето на постигнатите резултати е идентичен без разлика на полот.


АНАЛИЗА НА ПРОБЛЕМАТИКАТА

За статистичка обработка на параметрите од првиот колоквиум користена е основна дескриптивна анализа на фреквенцијата на постигнатите резултати и групирањето околу неа.

Од основната статистичка обработка на податоците преку табела 1. може да се констатираат следните основните показатели изразени во освоени поени а постигнатиот резултат во секунди.

Табела 1.

Дескриптивна статистика (жени)				
	N	Median	Min	Max
1 трчање	29	46 /сек	36 /сек	68 /сек
поени	29	18	16	20



Консултирајќи ја тебелата 2. презентираните показатели од првиот обид на совладување на полигонот, укажуваат дека најголема фреквенција на студентите е групирана околу вредностите на резултатите помеѓу :


50 и 55 секунди, 6 студенти или 20.69 %

45 и 50 секунди, 11 студенти или 37.93 %

40 и 45 секунди, 5 студенти или 17.24 %

Табела 2.

1 трчање(поени)	студенти	%
35 < x <= 40	4	13.79
40 < x <= 45	5	17.24
45 < x <= 50	11	37.93
50 < x <= 55	6	20.69
55 < x <= 60	0	0.00
60 < x <= 65	2	6.90
65 < x <= 70	1	3.45



Што се однесува за показателите за освоените поени, од табелата 3. може да се констатира дека најголемо групирање на студентите е околу бројката која означува:


20 освојени поени - 14 студенти или 48.28%

18 освојени поени - 10 студенти или 34.48%

16 освојени поени - 5 студенти или 60.38%

Табела 3.


1 трчање(поени)	студенти	%
15 < x <= 16	5	60.38
17 < x <= 18	10	34.48
19 < x <= 20	14	48.28



Од основната статистичка обработка на податоците преку Табела 4. може да се констатираат следните основните показатели.

Табела 4.

Дескриптивна статистика (мажи)				
	N	Median	Min	Max
1 трчање - М	26	34.50	29	48
поени - М	26	20	18	20



Опсервирајќи ја тебелата 5 презентираните показатели од првиот обид на совладување на полигонот, укажуваат дека најголема фреквенција на студентите е групирана околу вредностите на резултатите помеѓу :


25 и 30 секунди, 4 студенти или 15.38 %

35 и 40 секунди, 10 студенти или 38.46 %

30 и 35 секунди, 10 студенти или 38.46 %

Табела 5.

1 трчање (мажи)	студенти	%
25 < x <= 30 сек.	4	15.38
30 < x <= 35	10	38.46
35 < x <= 40	10	38.46
40 < x <= 45	1	3.85
45 < x <= 50	1	3.85




Што се однесува за показателите за освоените поени, од табелата 6. може да се констатира дека најголемо групирање на студентите е околу показателот на 20 освоени поени:

20 освојени поени - 18 студенти или 69.23%

18 освојени поени - 8 студенти или 30.77%

Табела 6.

поени (мажи)	студенти	%
17 < x < 18	8	30.77
19 < x < 20	18	69.23



РЕЗУЛТАТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Врз основа на статистичките показатели на фреквенцијата на постигнатите резултати и нивно групирање околу најдобрите резултати, наведуваат на следен заклучок:

- временската рамка на постигнатите резултати за кои се освојува одреден број поени даваат можност за изработка на поквалитетни предметни содржини;
- критериумите за вреднување на постигнатите резултати да претрпат одредени корекции во позитивна смисла;
- корекцијата на временската рамка, односно примена на построги критериуми кои се однесуваат на повисоки вредности за освоени поени (18 за оценка 9 и 20 за оценка 10).

При оформување на работните точки, содржините и времетраењето на совладување на првиот полигонот, параметрите се наметнати од реализираните тестови во текот на првиот месец од првиот семестар од наставата по физичко образование и од првиот колоквиум.

Оваа корекција ја наметнаа самите студентите со поголем интерес кон предметот Специјално физичко и активен однос на часот, и постигнатите резултати на првиот колоквиум.

Тоа укажува дека предметните содржини вака поставени имаат позитивно влијание врз подобрувањето на физичката подготвеност на студентите. Со тоа се наметна размислување активностите кои ќе следат во престојните колоквиуми да бидат обремени со построг критериум. Односно со намалувањето на времето потребно за совладување на поставените полигони во вториот и третиот колоквиум.

Вака студиозен пристап при изработка на тренажната програма ќе овозможи позитивен тренд во подобрувањето на физичката подготвеност кај студентите со послаба физичка подготвеност и одржување и подобрување кај студентите со подобра физичка подготвеност.

Со тоа воедно ќе се има увид за успешноста во примената на поставените содржини застапени на часовите по Специјално физичко во сите семестри на додипломските студии.

IMPACT OF ACHIEVED RESULTS DURING THE PHYSICAL CONTROL OF STUDENTS IN DEVELOPMENT OF A QUALITY TRAINING PROGRAME

Abstract

The subject Special Physical Education by its specifics and the way of its accomplishment of the contents, necessitates an adequate training program which should fully accomplish all the criteria in the area of overloading and dosing the students. Having in mind the fact that the students come from different living environments with different level of culture of harmonious movements, training and physical fitness the content of the programs should be adequately established.

The results from the first colloquium have been taken as a starting point to further develop the later training cycles. It should be mentioned that the accomplishment of the training program in the first cycle has improved the

culture of harmonious movements at a higher level. Parameters from the first cycle give us the right while working on the future training programs to introduce higher evaluation criteria that will enable the level of physical readiness to become higher.

The main goal is the students to achieve the proper level of physical readiness and improved techniques in wrestling skills .

Key words: general endurance, speed endurance, wrestling skills, dosing, accomplished results

Литература

1. Bala, G., STATISTIKA – logicke osnove metoda za analizu podataka iz istrazivanja u fizickoj kulturi, N.Sad,1986**.**
2. ХРИСТОВ, Н., Основи на спортската медицина, Скопје,
3. MALACKO, J., Osnove sportskog treninga, Beograd, 1982.
4. PHYSICAL FITNESS TRAINING, FM 20 – 21 HEADQUARTERS
5. DEPARTMENT OF THE ARMY, Washington, 1992.
6. СПАСОВ, Ѓ., Спорт и кондиција, Скопје, 1996.
7. СПАСОВ, Ѓ., Теорија и методика на спортскиот тренинг, Просветно дело, Скопје, 1991.

327.84 : 355.45(4-672ЕУ)

Доц. д-р **Стојан СЛАВЕСКИ**[1]

РАЗУЗНАВАЧКА ПОДДРШКА НА БЕЗБЕДНОСНАТА ПОЛИТИКА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Апстракт

Развојот на меѓународната и меѓуагенциската разузнавачка соработка е императив за денешната безбедносна околина. Ако со таканаречените „нови закани“ треба да се справуваме колективно тогаш оваа соработка не само што е посакувана, туку, таа е, исто така, неопходна во изготвувањето на заедничките проценки на заканите. Наспроти другите организации, ЕУ поседува широк дијапазон на алатки во безбедносната политика кои треба да бидат координирани. Поради тоа, таа, исто така, има потреба од поддшка од различни видови на разузнавачки агенции во поголем обем отколку другите меѓународни организации. За остварување на оваа цел таа веќе започна да формира сопствена структура за создавање и размена на различни видиви на разузнавачки информации.

Клучни зборови: *разузнавачка соработка, разузнавачка поддршка, разузнавачка заедница*

Вовед

Честопати за разузнавањето се зборува како за втора најстара професија во историјата, која сега е суштествен фактор на надворешната политика на државите во непосредна врска со нивната безбедност и одбрана.[2] Во последните години, разузнувањето и разузнувачката соработка добиваат се повеќе на значење. Ваквиот равој на настаните се поврзува со промените во безбедносната околина, при што, разузнавањето е основен елемент во напорите на државите да се справат со новиот вид на тероризам, пролиферацијата на оружјето за масовно уништување, организираниот криминал и во справувањето со хуманитарните катастрофи. Детектирањето на таканаречените „нови закани“ и правењето на проценки за ефектот од нивното дејствие со

[1] Факултет за детективи и криминалистика ЕУРМ

[2] Phillip Knightley, *The Second Oldest Profession: Spies and Spying in the Twentieth Century*, W.W. Norton, New York, 1998 and Jeffrey Richelson, *A Century of Spies: Intelligence in the XX Century*, Oxford University Press, Oxford, 1995.

право бараат поголема разузнавачка соработка помеѓу различните разузнавачки елементи како и помеѓу разузнувачките агенции од различни земји. Ваквата соработка, исто така, е императив за оперативната имплементација на потребата од мултилатерални одговори на новите безбедносни предизвици.

Земајќи го сето ова во предвид, Европската унија(во натамошниот текст ЕУ) дава природна рамка за интензивна разузнавачка соработка. Понатаму, Унијата треба да развие таква безбедносна заедница која ќе ги исполни сопствените декларирани амбиции. Разузнавањето игра значјна улога во развојот на заеднички безбедносни политики и давањето на супстанца на Европската безбедносна стратегија. За да формулираат заедничка безбедносна политика, Европјаните треба да развијат заедничко чуство за тревога, заедничка перцепција за заканите и на тој начин заедничка „проценка за заканите“. Оттука соодветна разузнавачка поддршка секако ќе биде потребна за имплементација на европските безбедносни политики. Затоа постоечката разузнавачка соработка треба да се адаптира и преструкуира на начи на кој ќе им служи како поддршка на политиките коишто се соодветни на новата безбедносна средина.

Прашањето е која улога треба да ја има ЕУ во сето тоа и кој облик на соработка треба да реализра за рамките на разузнувачката заедница на ЕУ? Следното прашање кое бара одговор е, која врста на разузнавачка соработка е потребна и на кое рамниште таа треба да се одвива во рамките на ЕУ?

Разузнавачка поддршка на безбедносната политика на ЕУ

Различните тела на ЕУ имаат различни одговорности и на различен начин придонесуваат кон активности на полето на безбедноста политика на Унијата.[3] Моменталната распределба на одговорностите ја следи инструменталната и географската логика. Ако ја следиме логиката на инструментите кои ги поседува Унија тогаш може да зборуваме за пет полиња на акција: (1) воено, (2) правда (третиот столб надополнет со владеење на правото, полициски работи и гранично обезбедување), (3) цивилни и хуманитарни работи (цивилна заштита, деминирање и хуманитарна помош), (4) економија (трговија и помош за развој) и (5) политичко/дипломатско. Во географска смисла, сегашните одговорности на телата на Унијата прават јасна дистинкција помеѓу внатрешната и надворешната димензија и помеѓу улогата на националните држави и улогата која ја има Европската унија. Поделбата во

[3] За организацискатa поставеност на Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) и Европска безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП) на ЕУ види во: International Crisis Group, *EU crisis Response Capability: Institutions and Processes for Conflict Prevention and Management*, Brussels, 2001 and *EU Crisis Response Capabilities: An update*, Brussels, 2002.

рамките на структурите на ЕУ открива строго разграничување помеѓу внатрешната и надворешната фукција на Унијата како генератор на безбедност и ја нагласува одговорноста на националните држави за сите безбедносни прашања во рамките на нивните национални територии. Унијата, како целина, може да превзема оперативни интервенции и активно да биде вклучена во безбедносните прашања само надвор од територијата на Унијата и евентуално долж границата со соседните држави. На територијата на ЕУ, улогата на Унијата во спротивставувањето на заканите е лимитирана во поддршката и асистенцијата на националните авторитети.

За да ги исполни своите задачи во овие пет полиња на активности, ЕУ може да има потреба од воена[4], контраразузнавачка[5], криминалистичка[6] и надворешна разузнавачка поддршка[7]. Се поставува прашањето до кој степен ваквата функционална разузнавачка поддршка е или треба да биде обезбедена од различните европски тела или пак национални агенции.

Поддршка од военото разузнавање

Со формулирањето на Главните цели и воспоставувањето на структурите на Европска безбедносна и одбранбена политика (European Security and Defense Policy - ESDP), државите членки јасно ја искажаа својата амбиција Унијата да добие воена компонента во своето делување. Оваа улога е лимитирана од географски и политички ограничувања. Иако формално не е дефиниран георафскиот делокруг на подрачјето на делување на Унијата постојат одредени ограничувања кои однесуваат на оддалеченоста до која

[4] *Военото разузнавање* ги собира и врши проценка на информациите на актуелните и потенцијални активности на странските вооружени сили на својата територија како и надвор од својата територија. Националните агенции кои создаваат таква врста на разузнавачки информации генерално се под авторитетот на министерството за одбрана.

[5] *Безбедносните или контраразузнувачките* агенции прават преглед на заканите кои се насочени кон владините функции дефинирани со уставите и законите на државите. Тоа, помеѓу другите работи, подразбира ангажирање и спротивставување на разузнавачките активности на странските сили и „лево“ и „десно“ ориентираните екстремистички активности, како и активности против тероризмот

[6] *Криминалистичкото* разузнавање се ангажира во борбата против организираниот криминал. Тоа е различно од другите разузнавачки функции во однос на неговата поврзаност со криминалните истраги, кои имаат за цел да обезбедат докази кои што можат да резултираат со покренување на кривични пријави пред судот.

[7] *Надворешното или странско* разузнавање се фокусира на настаните во странските земји. Тоа треба да го поддржува донесувањето на одлуките, генерално, во однос на надворешната политика на државата и создава проценки за состојбите за прашања поврзани со безбедноста, одбраната, надворешните и економските политики на државата. Надворешното разузнавање е резултат на меѓуагенциската соработка од причина што тоа прави проценки за состојбите врз основа на повеќе извори (воени, безбедносни и криминалистички извештаи). Сепак, наспроти останатите поменати функции, надворешното разузнавање попрво го поддржува донесувањето на политички одлуки отколку оперативни одлуки.

можат да бидат распоредени воените капацитети на Унијата. Обично оваа дистанца се дефинира на околу 4000 км оддалеченост од Брисел.[8] Оваа бројка доаѓа од изготвеното сценарио на ЗЕУ за изведување на операции кои произлегуваат од Петерсбершките задачи и е едностано детерминирана од ограничувањата кои што ги имаат воените капацитети при распоредувањето. Иако не е формално обврзувачко, ова ограничување се уште се смета за валидно за најинтензивните Петерсбершки задачи. Треба да се забележи дека помалку амбициозни операции можат да се изведуваат и во подалечни подрачја. Понатаму, има уште еден лимит кој што се однесува на близината. Имено, оваа воена структура на Унијата е во рамките на Заедничката надворешна и безбедносна политика (Common Foreign Security Policy - CFSP) и не е предвидено таа да се употреби на територијата на државите членки. Дефиницијата на Петрсбершките задачи останува сè уште дискутабилна. Иако тие не ги покривазат задачите подведени под „присилата кон мир“ (“peace enforcement”) тие, исто така, не го покриваат и подрачјето на колективната одбрана или пак евентуални превентивни удари врз потенцијалните непријатели и оние кои развиваат оружје за масовно уништување. Понатаму, тие не го покриваат сменувањето од власт на диктатори како што тоа го демонстрираа САД при операциите во Авганистан и Ирак. Постојните аранжмани не им овозможуваат на државите членки, доколку сакат, да се ангажираат во вакви ситуации туку тоа треба да го прават преку други организации или „коалиции на заинтересирани“ (“coalitions of the willing”). Проширувањето на компентенциите на Унијата за вакви задачи ќе ја промени природата на ЕБОП и воено разузнавачката поддршка која и ќе и биде потребна.[9]

Поради тоа, разузнавачката подршка за воените структури на Унијата мора да биде насочена кон подготовки за потенцијални ангажирања и да се спроведува преку конкретни операции во рамките на дадените географски и политички ограничувања. Оттука, сегашното функционирање на воениот дел од ЕБОП нема потреба од продукција и размена на воени разузнавачки информации за одредени подрачја кадешто Унијата нема да изведува воени операции (на пример, Северна Кореја, Русија, итн.). Тоа не значи дека сегашната разузнавачка структура не овозможува ваква соработка, туку едноставно значи дека воената разузнавачка служба на рамниште на ЕУ не треба да оди надвор од воените амбици на ЕБОП.

[8] Повеќе за ова кај: Hans-Cristian Hagman, “European Crisis Management and Defence: The search for Capabilities”, in *Adelphi Paper* 353, 2002, p. 46.

[9] Усвојувањето на „членот за солидарност“, како што беше предвидено со Реформскиот договор, не мора да има директно влијание на воената разузнавачка поддршка. Промени би имало само ако ЕУ ја превземе координативната улога во овој случај. Многу е поверојано дека превземањето на евентуални воени мерки ќе биде регулирано на билатерална основа помеѓу државите.

Разузнавачкото одделение (The Intelligence Division - INTDIV) во рамките на Воениот штаб на ЕУ (European Union Military Staff – EUMS) претставува точка за размена на воени разузнавачки информации на рамниште на Унијата. Вработените во ова одделенение составуваат извештаи, кои се темелат на националното разузнавање, коешто се десиминира во рамките на структурите на ЕСДП. Одделението се фокусира на информации поврзани со воените капацитети и контролата врз нив, во регионите на сегашните и потенцијалните кризни подрачја. Во одреден степен тоа врши и проценка на намерите на оние коишто поседуваат воена сила во подрачјето на акција. Но, тоа не ги анализира интересите на актерите до тој степен како што тоа го работат агенциите коишто произведуваат надворешни разузнавачки информации. Како дел од Воениот штаб на ЕУ одделението треба да го поддржи стратегиското планирање коешто започнува штом кризата ќе се појави и завршува кога политичките авторитети на ЕУ ќе го одобрат воениот стратегиски план за ангажирање.

Во реалноста, разузнавачката подршка за операциите кои се во тек, наспроти тоа, воглавно не се одвива преку институциите на ЕУ, иако разузнавачкото одделение ја отвора оваа линија на комуникација од Брисел до оперативната команда. Поради тоа, националното разузнавање директно ги доставува информациите до линијата на командување со што се докомплетира разузнавачкиот материјал кои единиците го добиваат од сопствениот капацитети распоредените на теренот.

Ефикасната разузнавачка подршка ги зајакнува шансите за постигнување на целите на воените операции предводени од ЕУ и осигурува безбедност на трупите коишто учествуваат во операцијата. Меѓутоа, основната пречка во обезбедувањето на ваквата подршка лежи во ограничените разузнавачки капацитети за собирање на информации на државите-членки, но не и во начинот на кој воената разузнавачка соработка е организирана и структуирана. Ова е забележано во многу документи на Унијата во последните години. Покрај можната подршка од Сателитскиот центар на ЕУ (European Union Satellite Centar – EUSC) на стратегиското планирање и тековните операциии, разузнавањето преку користење на слики[10] од сателити останува еден од најзначајните недостатоци. Исто така, како проблем останува и разузнавањето од слики од беспилотните летала. Понатаму, ХУМИНТ[11] е многу важно за спроведувањето на воените операции, а, кое, понекогаш е недоволно.

[10] Разузнувањето од *слики* (Imagery Intelligence – IMINT) подразбира добивање на информации од различни слики (од фотографии, радари, инфра црвени и други типови на апарати за сликање) кои што се добиени преку лица, авиони или сателити.

[11] *Хуманото/Човеково* разузнавање (Human Intelligence - HUMINT), кое произлегува од човечки/хумани извори, и е најстар начин за собирање на разузнавачки информации. Во овој вид на разузнавање информациите можат да се добијат преку шпијунажа, меѓутоа во најголем дел тие се обезбедуваат преку дипломатски извештаи, сопстевен оперативен штаб, или преку локалното население.

Меѓутоа, за тоа тешко можеме да зборуваме во генерални рамки затоа што пристапот до ХУМИНТ се разликува многу од случај до случај, особено кога тоа се добива од локалното население.

Разузнавачка поддршка за делот поврзан со правда, полиција и гранично обезбедување

Покрај воената сфера, ЕУ е активна како надвор, така и во рамките на ЕУ, на полето на *спроведување на законот* (law enforcement). Меѓутоа, во оваа сфера, Унијата не превзема извршни функции до тој степен како што тоа го чини кога изведува воени мисии. Во овој случај политиките на ЕУ се едноставо насочени кон олеснување на соработката помеѓу националните авторитети одговорни за спроведување на законот во земјата. Надвор од територијата на ЕУ, Унијата има сличен приод кон работите. Овде Унијата примарно сака да го осигура владеењето на правото преку подршката на локалните авторитети. Таа нема стратегија со која европските официјални лица би го замениле системот за спроведување на законот на локално ниво.

Во *полициските работи*, целта на државите-членки на Унијата е да обезбедат до 5.000 офицери за учество во меѓународни операции за превенција и менаџмент со кризи. Нивна главна задача е да обезбедат совети и обука со цел да им помогнат на локалните авторитети. Иако, извршните функции не се исклучуваат, треба да се нагласи дека извршувањето на меѓународни полициски работи е многу редок случај (во овој момент, меѓународни полициски сили има само во Источен Тимор и Косово, во двата случаи под мандат на Обединетите нации). Сегашните аранжмани на Европската унија не и дозволуваат превземање на акции против терористичките или криминални ќелии надвор од територијата на ЕУ. Тоа може да се случи само ако ЕУ ја превземе целосно улогата на полицијата во т.н.р. „пропаднати држави“ (“failed states”), или во случај тоа да биде побарано од локалните авторитети. Се додека тоа не е случај, полициските мисии на ЕУ имаат потреба од незначителна разузнавачка поддршка за да ги исполнат своите задачи кои што се однесуваат на давање на совети и обука на локалните авторитети.

Во полето на *владеење на правото* (“rule of law”), државите членки на ЕУ треба да имаат на располагање 200 експерти (меѓународни обвинители и судии, персонал за обука и мониторинг). Овие експерти имаат задача да ги заменат локалните власти, меѓутоа тоа е предвидено да го сторат за краток период и само во вонредни услови. Како што и погоре неведовме, за исполнување на овие задачи персоналот нема потреба од разузнавачка поддршка од ЕУ се додека Унијата не добие мандат да ги превземе извршните полициски функции, или со други зборови кажано, додека не е одговорна за собирање на докази.

Она што е потребно за извршувањето на мисиите во доменот на полициските работи и владеењето на правото се проценки за заканите за животот на персоналот на ЕУ ангажиран во операцијата. На тој начин, ангажираниот персонал на ЕУ нема потреба за никаква разузнавачка поддршка за извршување на поставените задачи, туку ЕУ има потреба од ваквата поддршка кога се одлучува за тоа дали да се распореди или не мисијата на Унијата.

Предвиденото воспоставување на европското гранично обезбедување ("border guard") е се уште во почетна фаза за да можат да се прават некои подетални анализи. Од каков вид на разузнавачка поддршка ќе има потреба ќе зависи од одговорностите кои ќе му бидат доделени. Некаква размена на информации помеѓу граничното обезбедување, полициските станици и агентите советници веќе постои и е во функција преку Шенгенскиот информационен систем (Schengen Information System – SIS) и Царинскиот информативен систем (Customs Information System – CIS). Овие два информациски система се целосно децентрализирани мрежи без централна агенција. СИС го опишуваат како европската лист на „барани лица" и преставува систем за доставување на извештаи или инструмент за пребарување користен од страна на обичната полицијата, граничната полиција, царината и авториетите одговорни за издавање на визи и дозволи за престој. Иако предвидениот СИС II систем треба да биде нешто повеќе од обичен запис за тревога (се предвидува тоа повеќе да биде алатка за спроведување на истраги) не е предвидено преку него да се врши размена на криминалистички разузнавачки материјали. Иако сите полициски станици и агенти советници имаат пристап до мрежата и можат да дадат тревога во согласност со нивните национални закони тоа автоматски не значи и апсење на лицето во друга држава.

Шенген информацискиот систем е надополнет со неколку други договори кои треба да го унапредат спроведувањето на законите во подрачјето на ЕУ. Повеќето од нив имаат за цел да ја олеснат размената на информации и соработката помеѓу националните агенциии за спроведување на законот. Покрај размената на судски чиновници за врски и воспоставувањето на Европската судска мрежа (European Judicial Network – EJN), ЕУ, исто така, воспостави и Европска канцеларија за борба против проневери (European Anti-Fraud Office - OLAF), Еуројаст (Eurojast) и Европол (Europol). Редоследот по кој се набројани одговара на нивната релевантност во однос на разузнавањето. Па така, Европол е единствено тело дизајнирано да биде дел од криминалистичкото разузнавање.

Намената на судските чиновници за врски и ЕЈН е да им овозможат на судските авторитети да подготват ефективно барање за судска соработка или генерално да ја подобрат судската соработка. Оттука, тие не се заинтересирани за размена на криминалистичко разузнавање.

Административните истраги спроведени преку ОЛАФ имаат за цел откривање на нелегални активности кои влијаат на финансиските интереси на ЕУ. ОЛАФ може да се смета како база на податоци која им е достапна на националните авторитети за да отворат и/или поддржат спроведување на криминални истраги. Во некои случаи, на пример, ако има сомнеж дека се работи за организиран криминал, националните авторитети можат да ја достават оваа информација до националните криминалистички разузнавачки агенции. Меѓутоа улогата на ОЛАФ како извор за криминалистичко разузнавање не треба да биде преценета. Иако таа открива постоење на нелегални активности, ОЛАФ не превзема било какви криминалистички истраги со цел да се дојде до сознание кој е инволвиран во стореното криминално дело.

Еуројаст може да се опише како округла маса на национални судски чиновници. Ова тело е единствено место кадешто можат да се најдат криминалистички записи од сите држави членки. Вработените во Еуројаст ја олеснуваат соработката помеѓу националните авторитети и можат да посочат каде е потребна ваква соработка. Тие дискутираат конкретни случаи, разменуваат информации, соработуваат директно и им препорачуваат на националните авторитети да превземат соодветна акција. Меѓутоа, тоа не го прави Еуројаст центар за размена на криминалистичко разузнавање. Причината за тоа е затоа што записите кои му стојат на располагање не содржат криминалистички разузнавачки информации туку попрво податоци во врска со тековните или завршените криминалистички истраги.

Европол, ја има улогата да биде центар за размена на криминалистички и до одреден степен контраразузнавачки информации. Тој е формиран како место за размена на информации помеѓу државите членки и имаше задача да ги анализира информациите и разузнавачкиот материјал за тероризмот, трговијата со дрога и другите сериозни форми на меѓународен криминал. Со компилација на различни извештаи и анализи на информациите добиени од повеќе извори, од Европол се очекува да открива случаи, да ги открива врските помеѓу различните криминални активности и да донесува заклучоци коишто можат да бидат користени во борбата против криминалот. Во таа смисла анализите на Европол се повеќе од обичен збир на информации. Сепак треба да се нагласи дека на Европол не му се пренесени одговорностите од националните служби ниту пак тој има одредени извршни функции. Националните авторитети се уште очекуваат од националните агенции да им обезбедат соодветна разузнавачка поддршка а тоа не го очекуваат од Европол. Оттука, право е на националните авторитети да одлучат дали или не ќе му достават на Европол соодветни разузнавачки информации, дали ќе ги следат неговите совети и дали ќе ја користат помошта која тој ја нуди.[12]

[12] Треба да се забележи дека националните агенции кои ги поддржуваат авторитетите надлежни за спроведување на законот, исто така, разменуваат контраразузнавачки и

Разузнавачка поддршка на цивилната заштита, разминирањето и хуманитарната помош

Од разузнавачка перспектива, операциите коишто се спроведуваат во рамките на првиот столб (цивилната заштита, разминирањето и хуманитарната помош) имаа потреба од слична разузнавачка поддршка која се однесува на проценката на заканите од катастрофи. Состојбата во кризното подрачје мора да биде однапред проценета за да се знае каков вид на помош и во колкав обем му е потребна на подрачјето погодено од некоја катастрофа. Иако ваквата проценка на заканите од катастрофа не кореспондира со ниту една од четирите разузнавачки категории, техничките извори за добивање на разузнавачки информации кои ги користат агенциите можат да одговорат на оваа задача. Локалното ХУМИНТ и навременото ИМИНТ (од воени и цивилни извори) имаа особено значење за ваквите проценки. Во зависност од видот на катсрофата и ресурсите коишто ги поседува локалната влада, може да биде тешко во почетокот да се добие целосна слика за состојбата во погоденото подрачје. Ова преставува особена потешкотија ако тоа се земји надвор од ЕУ а коишто имаат лимитирани капацитети за вршење на проценки и/или кога нередите се поврзани со насилен конфликт.

Цивилна заштита. Цивилната заштита добива на значење во последните години. Унијата сака да ја олесни соработката помеѓу државите членки и кандидатите за членство. За таа цел воспоставен е Центар за мониторинг и информации и Систем за комуникација во итни случаи. Целта на оваа соработка е да се олесни мобилизацијата на тимовите за интервенција, експертите и другите ресурси кои што можат да бидат искористени во случај на катастрофи. Во случај на несреќа во држава членка на Унијата, проценка на состојбите не се врши на европско рамниште, туку тоа го прават компетентните национални авторитети (ако е потребно тоа се прави со тимови за интервенции од времен карактер). Со мало прилагодување државите членки или агенциите на ЕУ можат многу лесно да ја обезбедат потребната разузнавачка поддршка од одговорните национални авторитети преку националните разузнавачки агенции на државата погодена со катастрофата. Тешкотии се појавуваат ако несреќата се случила во трета земја која нема фукционален национален авторитет одговорен за спрвување со кризната состојба (на пример, Центар за управување со кризи) или пак државата погодена со катастрофа нема контакти со разузнавачките служби на земјите ангажирани во механизмите на Унијата. Во таков случај нема подготвени канали преку кој државите членки на ЕУ можат да ја компензираат евентуално недоволната разузнавачка поддршка од локалните аворитети. Во тој случај тимовите за интервенција на ЕУ ќе имаат дополнителна одговорност да направат сопствена проценка на заканите и така да ја водат операцијата.

криминалистички разузнавачки информации надвор од структурите на ЕУ. Како еден пример за тоа може да биде Клубот од Берн.

Деминирање. Природно, активностите за деминирање се одвиваат надвор од територијата на ЕУ. Јасно е дека без поддршка од ХУМИНТ и ИМИНТ невозможно е да се започне операција за деминирање на локалните минско полиња и да се изврши проценка на опасноста од поставените мини. Ако деминирањето се спроведува од страна на воените структури, потребната разузнавачка поддршка за подготовка на операцијата се добива преку воените разузнавачки канали. Меѓутоа, често пати разминирањето не се спроведува од страна на воените трупи. Во суштина, ЕУ изведува операции за чистење на мини само преку нејзиниот прв столб. Мисиите се дизајнирани да го поддржат равојот на локални капацитети за таа намена. По насоки на Комисијата, на локалните авторитети им се дава помош во опрема, финансии и обука. Оттука, Комисијата често пати треба да се потпира на своите лични контакти (ХУМИНТ) и сама да ги собира потребните информации, да го планира изведувањето на мисијата и да им ја дава потребната поддршка на локалните авторитети откако ќе започнат операциите за чистење на мини.

Хуманитарната помош. Што се однесува до хуманитарните интервенции состојбата е поинаква. Хуманитарната помош Унијата ја доставува преку Хуманитарната канцеларија на ЕУ (European Community Humanitarian Office - ECHO) до оние надвор од границите на ЕУ на кои им е потребна. За проценка на заканите во случај на катстрофи, може и да нема голема потреба на било каква техничка разузнавачка поддршка која можат да и ја обезбедат државите членки. Комисијата вообичаено ги добива потребните информации преку својот персонал ангажиран на теренот и контакти со локалните актерите во погоденото подрачје.

Кога се спроведуваат операции во политички нестабилни региони надвор од ЕУ, покрај проценките за последиците од катастрофите мора да се направат и проценки за опасноста по самата мисија на ЕУ и ангажираниот персонал. Ова е подрачје за кое се потребни информации од сите извори на надворешното разузнавање. Кога операциите се изведуваат паралелно со ангажирани меѓународни воени сили, тогаш проценките за заканите по персоналот на ЕУ се добиваат од воените структури. Меѓутоа, Комисијата мора да прави сопствени проценки на заканите по персоналот ангажиран во операцијата кога делува самостојно. Ова е случај во хуманитарните интервенции и други операции кога се доставува одредена помош. Во овој случај Комисијата врши сопствени проценки на заканите без директен пристап до разузнавачките структури и без можност да побара од некоја разузнавачка агенција да направи проценка на заканите која ќе се темели на разузнавачки извори.

Разузнавачка поддршка во однос на подрачјата поврзани со трговија и развој

Политиките на Унијата коишто се однесуваат на трговијата и развојот можат да бидат дефинирани како индиректни безбедносни политики

кои имаат влијание во корените на причините за одредена состојба. Меѓутоа, тие примарно не се водени од безбедносните аспекти и поради тоа немаат потреба од директна поддршка од разузнавачките агенции. Дури и ако се применуваат одереди инструменти на поддршка на дипломатските напори тогаш оваа подршка им се дава на оние кои одлучуваат за дипломатските прашања па така таа не се поврзува директно со политиките за трговија и развој.

Разузнавачка поддршка на дипломатските активности

Дипломатијата е еден од главните инструменти на надворешната и безбедносна политика. Иако надворешното разузнавање е само еден параметар кој влијае на донесувањето на одлуките во овој ресор, неговото влијание е честопати незаменливо.[13] Тоа е значајно не само затоа што предвидува специфични политички решенија туку и затоа што се користи како референтна точка преку која другите контрибутори во процесот на донесување на одлуки можат своите активности да ги потврдат или не. Надворешното разузнавање може да им ги обезбеди основните извори на информации за вршење на проценки на состојбите (на пример, преглед на актерите, интересите и развојот на настаните во одредено подрачје), да ги предвиди можните сценарија, да направи проценка на заканите, и во некои случаи, да достави информации за однесувањето на определени актери во спроведувањето на безбедносно релевантни меѓународни договори.

Во рамките на ЕУ, Заедничкиот ситуационен центар (Joint Situation Centre – SITCEN), сместен во рамките на Генералниот секретаријат, произведува надворешно разузнавање. Во почетокоот СИТЦЕН беше формиран од преставници од ИНТДИВ и Единицата за политичко планирање и рано предупредување (Policy Planning and Early Warnining Unit – PPWE) кои имаа задача да изготвуваат дневни извештаи за состојбите како и заклучоци од пишувањето на печатот за моменталната состојба во светот. Во последните години амбициите на Центарот се зголемени па така тој почна да изготвува дневни извештаи за проценка на состојбите во различни региони како и проценки на заканите за распоредените капацитети на ЕУ во рамки на ЕСДП.

Денес, СИТЦЕН добива разузнавачки информации од ЕУМС како и директно од некои национални разузнавачки агенции преку персоналот кои е ангажиран во неговата работа. Понатаму СИТЦЕН добива дипломатски извештаи и други „не-агенциски“ информации. Тој е на листата на субјекти кои примаат дневни извештаи од Комисијата и од Специјалните преставници на

[13] За подетален опис на односот и разликите помеѓу дипломатијата и разузнавањето види кај: Michael Herman, “Diplomacy and Intelligence”, Diplomacy&Statecraft, vol. 9, no. 2, July 1998, pp. 1-22 (5).

Унијата. Понекогаш, и министрите за надворешни работи доставуваат одредени извештаи до Центарот. Како резултат на сето ова, Центарот стана место каде што различни видови на национални разузнавачки информации се синтетизираат во генерални проценки за состојбите и се создаваат надворешно разузнавачки информации.

СИТЦЕН ги доставува своите извештаи до Политичкиот и безбедносен комитет (Political and Security Committee – PSC) и Високиот претставник, ЕУМС, ЕУМЦ, и PPWE. Државите членки и Генералниот директорат за надворешни работи (Directorate-General External Relations – DG RELEX) на Комисијата можат да ги добиваат информациите од СИТЦЕН преку ПСЦ. Оттука, ДГ РЕЛЕХ, врз основа на разузнавачките извештаи може да ги советува и другите тела во рамките на Комисијата кои за тоа имаат потреба.

За разлика од другите организациони единици на Генералниот секретаријат, СИТЦЕН не е формиран врз основа на одлука на Советот туку на иницијатива на Високиот претставник. Оттука, доделувањето на задачи и контролата како тие се извршуваат е во надлежност Високиот претставник. Генерални насоки се даваат со „Листата за набљудување“ (“Watchlist”), договорена помеѓу СИТЦЕН и ДГ РЕЛЕХ врз основа на „глобалниот преглед“ кој го дефинира Советот на секои шест месеци. Тој се состои од околу 25 до 30 географски подрачја во светот каде што е можно да се појават кризи и кои има потреба да се набљудуваат. Поради ограничувачките аналитички ресурси, СИТЦЕН треба понатаму сам да си ги одреди приоритетите, кога до врши набљудувањето и да прави проценки за некои од географските подрача дадени во листата за набљудување. Три параметри се од пресудно значење при донесувањето на одлуката. Прво, Високиот претставник му дава задачи на Центарот да подготвува извештаи по временски редослед за подрачјата кој тој планира да ги посети. Второ, ПСЦ може да бара разузнавачка поддршка. Последно, СИТЦЕН ги насочува своите активности согласно случувањата и подготвува извештаи на своја иницијатива. Сепак, треба да се напомене дека капацитетот на СИТЦЕН е ограничен и тој не може да ја испорача потребната разузнавачка поддршка на сите институции на ЕУ.

Покрај овие задачи, од Центарот може да се бара да го набљудува споредувањето на некои меѓународни договори, особено од делот за непролиферација. Многу меѓународни договори имаат непосредна врска со безбедноста (на пример, Ковенцијата за против-пешадиски мини) чие спроведување најдобро се контроилра со разузнавачка поддршка од надлежните служби. Оваа проблематика ЕУ ја смета за многу значајна и затоа и посветува соодветно внимание. Посебно поради фактот што терористите се повеќе тргуваат со оружјето за масовно уништување, а неговото набљудување влегува во рамките каде што е ЦФСП и каде што функционира СИТЦЕН.

Заклучни согледувања

Генерално може деа заклучиме дека има неколку подрачја во делувањето на ЕУ каде што се јавуваат проблеми во обезбедувањето на соодветна разузнавачка поддршка. Прво, тоа се капацитетите за собирање на разузнавачки информации. Овој сериозен недостиг ги ограничува капацитетите на ЕУ да ја обезбедат потребната разузнавачка поддршка за сите полиња на активности на ЕУ. Второ, во делот на цивилната заштита и хуманитарната помош Комисијата наместо да биде примарно корисник на разузнавачки информации таа се јавува во улога на собирач на разузнавачки материјал. Трето, поради се поголемите барања насочени кон СИТЦЕН да обезбеди соодветна разузнавачка поддршка потребно е да се зголемат неговите капацитети. Последно, на ЕУ и недостасуваат капацитети кои ќе го верификува почитувањето на меѓународните договори со кои се ограничува вооружувањето што е една од компнентите во имплеменатацијата на ЦФСП.

Во овој момент ЕУ нема извршни одговорности за справување со новите закани по безбедноста без оглед на тоа дали се работи за закани во или надвор од зоната на Унијата. Поради тоа, националните разузнавачки авторитети се повеќе зависни од меѓуагенциската разузнавачка соработка отколку што се тоа телата на Унијата. Секако дека ЕУ има потреба од разузнавачка поддршка за акциите кои ги превзема. Меѓутоа, во овој момент едеинствено тело кое може да и обезбеди прецизни разузнавачки информации од доменот на надворешната политика е СИТЦЕН. Европол е природно повеќе заинтересиран до криминалистичкото и контраразузнавање во исполнувањето на поставените задачи. Но, за разлика од СИТЦЕН, ниту една од функциите кои и се пренесени на ЕУ не е зависна, единствено, од разузнвачката поддршка од Европол. Корисник на информациите од Европол се националните агенции за спроведување на законот.

Основното прашање кое се поставува кога се зборува за обликувањето на Европската разузнавачка заедница и дали е потребно формирање на нови разузнавачки агенции на европско рамниште или е потребна засилена соработка помеѓу постоечките национални агенции. Постојат два основни модела за меѓугранична соработка. Едниот е градење на систем на вертикална подреденост а другиот се однесува на подобрување на хоризонталната координација.[14] Како што видовме во оваа анализа

[14] Вертикалната хиерархија подразбира на формирање на европско тело кое што ќе може да изготвува сопствени проценки на заканите и преку кое разузнавачките информации од националните агенции ќе бидат процесуирани. Наспроти тоа, хоризонталната координација подразбира создавање на мржа преку која националните агенции ќе остваруваат дирактни билатерални и мултилатерални контакти и ќе разменуваат разузнавачки информации една со друга. Хоризонталлната соработка не подрзбира формирање на европско централно тело.

европските структури во овој момент ги применуваат двете форми на соработка.

Кој од овие два модели е поадекватен за ЕУ? Наједноставниот одговор на ова прашање може да се даде ако се разјаснат две работи. Прво, дали новосоздаденото „европско централно тело“ ќе даде производ што на национално размиште не се произведува. Односно, дали одговорностите за произведување на одредена форма на разузнавачки материјал ќе биде трансферирана на европско рамниште. Ако некои од овие услови не е исполнет тогаш вертикалната координацоја ќе биде нецелисходна. Националните агенци нема да бидат заинтересирани да го хранат со разузнавачки информации некое европско тело ако тоа не исполни барем еден од наведените критериуми.

Оттука, во сегашната состојба активностите според Бјорн Милер-Виле [15] треба да се одвиваат во две насоки, од една страна со зајакнување на капацитетите на СИТЦЕН и прширување на компетенциите на Европол (тој би требало да ја превземе разузнувачката функција за меѓународните полициски мисии). Од друга страна треба да биде воспоставена Европска разузнавачка кумуникациска мрежа (European Intelligence Communication Network) која ги поврзува сите разузнавачки агенции на ЕУ со единствена личност за контакт во секоја држава членка. Идеално решение би било секоја држава да назначи „Висок национален авторитет за разузнавање“ (“National High Authorits of Intelligence”)[16] или да се оствари директна врска со националните агенции. Преку централните личност за контакт ќе се овозможи и размена на разузнавачки информации со трети страни. На овој начин, Милер-Виле смета, не би се одело на штета на веќе воспоставени релации во разузнавачката соработка туку попрво би требало да дојде до олеснувањена вака воспоставената соработка и да се поедностави иницирањето на размената со новите партнерски агенции.

Во секој случај Европските безбедносни политики нема да бидат унапредени преку спојувањето на постоечките разузнавачки агенции на ЕУ или со трансферот на одговорностите за создавање на разузнавачки информации од национално на европско рамниште. Она што и е потребно на ЕУ во овој момент, е зајакнување на разузнувачките агенции кои ги има Унијата како и поголем,соработка помеѓу националните агенции.

[15] Björn Müller-Ville, *For our eyes only? Shaping an intelligence community wthin the EU*, Occasional Papers no. 50, Institute for Security Studies, January 2004, pp. 15-19.

[16] Овој Национален авторитет би требало да изврши координација на националните разузнавачки служби во матичните држави.

Summary

Progress towards European integration in the field of intelligence is very much a theme of the future. The political will to promote concrete steps in such a direction would first have to emerge. In fact, at present there is not even a political debate on the issue. Hesitancy is to be expected also for fear of possible negative effects, notably duplication, lack of political control and the burdening of European integration as a whole by procedural disputes and bureaucratic blockage in a field that is perceived by many as marginal in importance. On the other hand, the possible benefits of intelligence integration merit attention. It is the mission of intelligence to provide an information advantage to those who formulate and execute policy. The goal, shared by EU nations, of improving the foreign, security and defense policy conducted in the name of Europe both nationally and in common, implies a need to provide a proper information base for decisions, including the use of intelligence services. In addition, the general need to pool scarce resources while keeping governments up to date argues for a European approach towards the restructuring of intelligence.

Key words: *intelligence cooperation, intelligence support, intelligence community*

Литература

1. Phillip Knightley, *The Second Oldest Profession: Spies and Spying in the Twentieth Century*, W.W. Norton, New York, 1998.
2. Jeffrey Richelson, *A Century of Spies: Intelligence in the XX Century*, Oxford University Press, Oxford, 1995.
3. International Crisis Group, *EU crisis Response Capability: Institutions and Processes for Conflict Prevention and Management*, Brussels, 2001.
4. *EU Crisis Response Capabilities: An update*, Brussels, 2002.
5. Hans-Cristian Hagman, "European Crisis Management and Defence: The search for Capabilities", in *Adelphi Paper* 353, 2002.
6. Michael Herman, "Diplomaqcy and Intelligence", Diplomacy&Statecraft, vol. 9, no. 2, July 1998.
7. Björn Müller-Ville, *For our eyes only? Shaping an intelligence community within the EU*, Occasional Papers no. 50, Institute for Security Studies, January 2004.

340.63 : 343.1

Доц. д-р **Слободанка ТОДОРОСКА - ЃУРЧЕВСКА**

ПОСЕБНИ ЗАДАЧИ НА ПСИХОЛОШКИТЕ ВЕШТАЧЕЊА ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

Апстракт

Вештачењето претставува примена на научни и технички постапки и методи за утврдување или отценка на некои важни факти кои се од значење за разјаснувањето на поедини мериторни прашања во кривичната постапка. За ова утврдување или отценка потребно е стручно знаење со кое не располага органот кој ја води постапката. Според тоа вештакот е лице кое со своето стручно знаење во одредена област треба да утврди, отцени или разјасни некои важни факти од значење за кривичната постапка.

Практичните или „применетите психологии“ своите први чекори редовно ги изведувале преку психодијагностиката. Таа отсекогаш претставувала мост од поединечните случаи кон посебните и општите планови на оваа наука. Но во форензичката психологија тој мост допрва треба да се гради. Недостигот на заедничка (психолошка и правна) стратегија во праксата ја попречуваше градбата на вистинско место и начин. Причина за ова е недостигот на основната нишка на она што го испитуваме, а што не е само предмет на конвенција (постоечкиот закон), бидејќи таа нè води надвор од граничното подрачје. Ако оваа заедничка основа како специфичен, посебен критериум поблиску ја одредиме ќе ни биде полесно истражувањето на предметот на нашето интересирање-престапничкото однесување.

***Клучни зборови**: Вештачење, форензичка психологија, психодијагностика, подобност за пресметливост, интелектуални способности, афективни состојби, крвни деликти, сексуални деликти, сведочење, мерки за безбедност.*

Кога ќе се каже дека секој во себе го носи целокупното човештво, светецот исто како и злосторникот, очигледно е дека е изречена една од оние универзални мисли кои нè упатуваат на размислување, но не ни помагаат во разбирањето на психологијата на престапникот во целина. Истата забелешка впрочем и стои кога толкувањето на таквиот битен момент во нечија животна историја, како што е престапничкиот чин, се сведува на проценка на

една епизода од животот на еден човек, само што тогаш забелешката е упатена на сметка на уникатноста (индивидуалноста).

Кога психодијагностичарот е упатен на психолошки тестови, тоа значи дека истражувањето е усмерено првенствено на интраиндивидуалните или таканаречени централни факти. Биографските податоци добиени во дијагностичката обработка пред се ја откриваат положбата на поединецот во некои општи димензии на општествената структура. Овие два вида податоци не можат да се третираат како меѓусебно исклучиви. Истражувањата покажуваат дека општествените карактеристики на една група барем донекаде корелираат со индивидуалните карактеристики на припадниците на таа група. Праксата покажа дека примената на строго централизиран пристап нема многу перспективи. Психодијагностичката пракса секогаш одеше пред теоријата. Техниките кои ги применуваме настанале емпириски, а ретките обиди да се изведат врз основа на одредена теорија доживеале неуспех.

Но, и праксата од друга страна доведува до релативно занемарување на социјалните и еколошките фактори. Психолозите во својата работа се потпираат на одредени норми, односно референтни вредности. Повеќе доверба им се посветува на стандардизираните техники кои содржат квантитативни баждарени тестовни норми, отколку на квалитативните норми на социјалното поведение во одредена средина. Но, ако форензичарот сака да го почитува правниот модел на личноста ќе мора да им се посвети повеќе на вторите норми.

Основниот проблем кој му се наметнува на форензичкиот психолог кој се занимава со екологијата на испитаникот е односот на фигурата и позадината, поединецот и општеството, бидејќи тие не можат да се набљудуваат одделено. Кој може да повлече остра граница меѓу она што е во личноста и и она што е надвор од неа? Ниеден конструкт на културата не обрнува внимание на распонот на прифатливото однесување, туку само ни укажува на она што е вообичаено, модално.

Влијанието на културните обрасци на формирањето на единката се тестираат по пат на податоци за интеракција со родителите, наставниците, врсниците, пријателите. Се смета вообичаено дека до прифаќањето на културните примери доаѓа во раните години на животот, додека индивидуализацијата и побуната ќе дојдат подоцна, за да освојувањето на ревидираниот пример воедно значи и објава на разбирање на зрелата личност со средината. Ако работите се одвиваат вака, меѓу социјалниот и индивидуалниот систем нема конфликт. Според Олпорт (Allport) првиот систем поставува прилагодливи барања, а вториот прилагодливи способности.

Фројдовото учење е спротивно. Меѓу општеството и индивидуата има непремостлива опозиција. Leing[1] во врска со ова истакнува дека обичниот човекот е исушен и истуткан од она што би можел да биде.

Самиот чин (правното дејствие) кој секогаш е непосреден повод за психолошките вештачења во кривичната постапка е збир на постапки кои се случуваат во одредено време и кои можат да имаат динамички и развојни аспекти. Проценката на значењето во ваквото збирно случување е затоа што поседуваме јазик кој го користиме за комуникација. А бидејќи јазикот е само општествена категорија (личен јазик непостои), јасно е дека и доживувањата на испитаникот (кој се проценува) и неговото значење носат општествени карактеристики. Вештакот се обидува да ги утврди способностите и мотивите на обвинетиот и по пат на реконструкција на настаните и преку помалку видливи (или невидливи) страни на чинот на главниот актер, земајќи го предвид неговото чинење како основа за проценка на психичката состојба. Улогата на испитувач бара многу упорност, одлучност и трпение.

Високиот емоционален набој кај испитаникот е посебно присутен во раната фаза на судската постапка и е директно пропорционален на афективната жестина на настанот кој следел. Ова обично трае некое време и ако испитувањето се одвива во оваа „рана“ фаза можеме да очекуваме дека испитаникот ќе реагира со интензивни емоционални доживувања. Но сите добиени резултати во поголема или помала мерка се под влијание на настанатите промени во животната средина на испитаникот. Со промената на животната ситуација кога испитаникот се наоѓа во притвор се активираат неговите одбрамбени механизми.

Во клиничката пракса се сретнуваме со изразот “ **рентна невроза**“ која често се однесува на нерешените судски случаи. На пр. луѓето се судат за некоја ситуација во која биле оштетени (пр. сообраќајна несеќа), а бидејќи судот навремено не ја решава нивната тужба настануваат првите невротични слики кои перзистираат со години, сè додека случајот не се реши. Аналогно на ова само со многу драстична клиничка слика во затворот настанува „**Ганзеровиот синдром**“ кој е психогена реакција на ситуацијата пред суд која содржи симулирани симптоми во согласност со несвесната одбрамбена стратегија. Овие случаи треба да се препознаат за да не се поистоветат со психотичните реакции на кои личат, но никако не се исти со нив.

[1] R.D. Leing: Podeljeno ja; politika dozivljaja, Nolit, Beograd 1977 godina.

1. ПРОЦЕНКА НА ПОДОБНОСТА ЗА ПРЕСМЕТЛИВОСТ

Пресметливостае правенпоим, чиикритериуми седадени во категориите на *психологијата на способности*. Според едно одамна надминато сваќање во психологијата, човековиот мозок се сфаќа како конгломерат на независни делови од кои секој реагира или контролира одредени видови на идеи или дејствија. Во согласност со ова, пресметливоста е одредена како способност и свест за сфаќањето на значењето на делото и управување со постапките. Овие две способности ја одразуваат рационалната, волјевата компонента на пресметливоста. Непресметливоста се дефинира како психичка состојба во која човекот неможе правилно да расудува и самостојно и свесно да делува.

Поимот за намалена пресметливост се појавува во поново време првенствено под влијание на социолошката школа, но и понатаму останува неодреден.

Додека пресметливоста ја одредува судот, вештакот се изјаснува за подобноста за пресметливост. Прашањето за таа подобност обично се поставува пред вештакот невропсихијатарот или пред комисијата на вештаци (во чиј состав се психијатри, психолози и социјални работници, а по потреба и други стручни лица).

Традиционалниот експертски наод се ограничува на следните прашања:

1. Да*ли обвинетиот боледува од некое душевно пореметување кое ја исклучува или ја смалува неговата подобност за пресметливост,*
2. *Дали за време на извршувањето на делото бил способен да го сфвати значењето на своето дело и да управува со своите постапки,*
3. *И дали во случај на душевно пореметување е опасен за својата околина?*

Подобноста за пресметливост се одредува секогаш одново за секој сторител и за секое кривично дело посебно. Подобноста за пресметливост не е својство или особина од траен карактер,без оглед на тоа дали се сфаќа како способност или состојба, поврзано со одговорите на прашањата што всушност се случило. Значи нема таква способност која буквално би можела да се идентификува како единствена сила или можност човекот да чини нешто што ќе го доведе до судската клупа. Како што нема некоја апстрактна состојба (во смисла на клиничка слика) која би можела да се преведе во иста

таква способност независно од конкретната ситуација, само врз основа на лекарски преглед.

Не така одамна имаше случаи кога пред судовите се појавуваа луѓе со потврди за својата (не)пресметливост, со тенденција таа потврда да важи за целиот живот.

Психичкото пореметување не е исто што и непресметливост, а менталната заостанатост не е деловна неспособност. Овие две појави се самостојни и претставуваат различни ентитети од различни области. Не е точно дека психички болната личност мора да биде неподобна за пресметливост, ниту олигофрената личност да биде деловно неспособна. Се зависи од тоа за што станува збор во конкретниот случај. Наодите добиени со непосредни испитувања добиваа смисла дури тогаш кога ќе се доведат во врска со одреден контекст, ситуација или дејствие. Надвор од тоа тие едноставно не се форензички, и секое користење на правната терминологија се јавува како злоупотреба или незнаење-во секој случај невешта лага за стварноста.

Со непосреден преглед и со психолошко испитување се утврдува психичката состојба и способноста на обвинетиот за време на прегледот и испитувањето. Потоа со методот на реконструкција, со користење на сите средства со кои се располага од судските списи, се испитува поврзаноста помеѓу констатираниот наод и извршеното дело, од аспект на мотивација и евентуална поврзаност со психопатолошки појави.

2. ПРОЦЕНКА НА ИНТЕЛЕКТУАЛНИТЕ СПОСОБНОСТИ

Иако не го потценува значењето на супериорните интелектуални потенцијали, судската пракса пред сè е свртена кон утврдување на менталната заостанатост кај сторителите на деликти или актерите на некои правни дејствија. Тестот на интелигенција е секако најважен во рамките на психолошката експертиза.

Обично се смета дека интелигенцијата е *агрегат или глобален капацитет на поединецот кој се манифестира во рационално мислење, во целисходната дејност и во успешен однос кон средината.*

Интелигенцијата не може да се сведе на збир на компоненти, ниту може да се оддели од личноста. Единствен прифатлив начин на прикажување на интелигенцијата е комбинација на показателот на нивото на конфигурација на поединечни скорови на тестовите и квалитативна анализа која ја

опфаќа личноста. Праксата покажала дека личности со ист IQ можат многу да се разликуваат во поглед на нивните актуелни и потенцијални можности за интелигентно однесување. Другите фактори: мотивацијата, емоционалната стабилност и упорноста, не се секогаш мерливи, ниту е лесно да се одделат, но сепак мораат да се земат предвид во конккретните ситуации.

Американското друштво за ментална попреченост состави табела со која овозможува категоризација на менталната попреченост врз основа на резултатите добиени од тестовите на интелигенција. Карактеристично е што во оваа шема старите терминии како што се дебилноста, имбецилноста и идиотијата се заменети со градуирани описни термини за субнормална интелигенција (гранични: 70-84, лесна попреченост : 55-65, умерена: 40-54, тешка: 25-39, и изразито тешка под 25).

Кога се класифицираат интелектуалните способности на некој испитаник мора да се оди многу пошироко од конкретните одговори добиени во текот на тестовното испитување. Потребно е да се утврди минатото на испитаникот, неговата емоционална, социјална, училишна, професионална и економска прилагоденост. Факт е дека менталната попреченост е медицински и правен исто како и психолошки и социјален поим. Попречената личност не е секогаш во состојба да ги користи ефикасно потенцијалите со кои располага. И поради тоа нејзините проблеми секогаш не се сведуваат само на намалени интелектуални способности, туку и на неадекватно однесување од асоцијален односно од антисоцијален тип.

Вештачењето на подобноста за пресметливост кај лицата со умерена попреченост во интелектуалниот развиток е мошне деликатна работа.

Нема сомневање дека елементарните општествени забрани како што се убиство, кражба, телесно насилство, силување итн, и ним им се познати, бидејќи за ова не се потребни посебни интелектуални капацитети. Во овој случај не може да се каже дека овие личности не „сфаќаат“ што работат и дека не знаат дека тоа не смее да се работи. Ситуацијата се комплицира кога крајниот исход од дејствието не може веднаш да се види, а општествената забрана не е од елементарна природа. Поради тоа за покомплицирани кривични дела и за посебни околности не е исклучена намалена способност за сфаќање на значењето на делото и способноста за управување со постапките. Во секој случај поблагата интелектуална попреченост не би требало да влијае на проценката на степенот на пресметливост, доколку истовремено не постојат и афективни и волјеви пореметувања. Според актуелните форензички сознанија, менталната попреченост, сама по себе, без истовремено пореметување на емоциите или другите психички функции, не е причина за престапничко однесување.

3. ПРОЦЕНКА НА АФЕКТИВНИТЕ СОСТОЈБИ

Во своето истакнато дело за емоциите Пол Екман[2] наведува дека тие нас нè поттикнуваат да реагираме во итни случаи, без да губиме време и да размислуваме како и дали да реагираме. Кулминацијата на емоциите е мошне кратка и трае неколку секунди. Во тие неколку секунди се донесува брза одлука која личноста ја поттикнува на моментално реагирање. Поради тоа што ваквата емоционална реакција е брза и жестока, владее уверувањето дека не е одбрана. Не залудно се вели дека емоциите имаат алиби.

Екман смета дека има емоции кои не можеме да ги одбереме, но и дека има емоции кои произлегуваат од мислењето, односно кои при самото преоѓање на чинот поминуваат низ филтерот на разумот, кој е сложен и во кој може да се согледа целокупната личност на престапникот.

Сложените емоционални возбудувања, афектите, јасно се препознаваат на основа на нивните надворешните карактеристики, кои не можат да се сокријат. Уште Дарвин[3] ја опишува разлутеноста : срцето возбудено чука, лицето го облива руменило или го покрива мртовечко бледило, дишењето тешко. Често се треси целото тело. Гласот се менува, забите се стегаат, мускулниот систем е предизвикан на некој неконтролиран акт.

Најголем дел од расправата за влијанието на афектот на способноста на обвинетиот за извршување на кривично дело поминува во анализа на неговите компоненти на пресметливост. Проблемот за проценката на влијанието на афектот на подобноста за пресметливоста на обвинетиот се јавува првенствено кога станува збор за сила, интензитет на афектот во конкретни околности. Во принцип се прифаќа дека посилниот афект таа подобност повеќе ја смалува, но афективноста се повеќе се набљудува како карактеристика на личноста, при што посебно значење се придава на отценката на психологот во вештачењето. Ако со примена на психодијагностичките методи се отцени дека импулсивноста е релативно трајна црта на личноста на обвинетиот во склопот на неадекватната структура на личноста, проценката на неговата возбуденост во критичното време ќе биде сосема поинаква, отколку ако до возбуденост дошло кај релативно урамнотежена и социјализирана лличност. Во првиот случај возбудеността е израз на импулсивноста како црта, и може да претставува востановен начин на реагирање во одредени ситуации кој сведочи за слабостите на механизмите на кочење и самосовладување од непатолошки вид. Во согласност со овие особини може да се очекува обвинетиот во конфликтни ситуации да се однесува агресивно.

[2] Ekman, P., Davidson, R.: Fundamental Questions about Emotions, Oxford University Press, New York, 1994.
[3] Henry Bergson: Ogled o neposrednim cinjenicama svesti, Mladost, Beograd, 1978

Сосема е небитно што ќе одигра улога на "прелевање на чашата" бидејќи афектот кај неадекватно структурираните личности постојно се празни, а не кумулира.

Терминот *кумулација на афектот* , во праксата најчесто означува натрупување и повторување на негативен афект (страв, омраза, пригушена агресивност) во подолг временски период. Кога до тоа ќе дојде во прво време реакцијата е слаба и сосема незабележлива, а потоа по одреден повод кој може да биде и сосема минорен, доаѓа до контраагресивнопразнење.Овај термин не е случајно воведен, бидејќи тој е многу битен за кривичните дела извршени на миг.

Овде треба да внимаваме на фактот дека односот на цртите на личноста па и структурата на личноста и нејзиното однесување не се решени во теоријата на задоволувачки начин. Нема сигурен одговор на прашањето може ли една личност да постапува спротивно на своите црти и ако може што е тоа? Според нас проблемот е во сваќањето на структурата на личноста, а не во постапките, кои можат во помала или поголема мерка да бидат заплиснати со афекти. Постапките кои се неспоиви со некои црти на личноста не се доказ дека таа црта не постои, но само е прашање колку таквата црта е релативно трајна и доминантна карактеристика за која доволно сигурно очекуваме дека во догледно време ќе се манифестира во однесувањето. Значи да заклучиме: очекуваме дека човекот во битни реални настани ќе ја манифестиира онаа матрица на однесување според која функционира, која може да се смета за негова посебна црта на личноста. Таквата црта и покрај тоа што не може да смета на ист степен на општост, претставува општ модел за компарирање, на што и се заснива психолошкиот наод.

Сторителот на деликт во афект обично после извршувањето на делото, за време на судската истрага го бара значењето на емоциите на кои им се препуштил, но не се обидел да ги разбе.

Она за што во ваква ситуација со сигурност може да се изјасни психологот како судски вештак се однесува на веќе споменатите интензитети на афектот, односно силата на емоционалното возбудување, во одредени судски релевантни околности. За тоа се изјаснува дури после деталното запознавање со околностите на настаните кои се манифестираат повеќе или помалку и посебно со дејствијата на обвинетиот. Не се очекува испитуваниот да ги преслика материјалните делови на вистината, но неговите описи на настаните ги доведуваме во врска со утврдени факти и во однос на нив ги проценуваме. Овој феноменолошки пристап бара да се објасни секое доживување кое ќе се открие при испитувањето на обвинетиот и неговите описи.

4. ПРОЦЕНА НА КРВНИТЕ ДЕЛИКТИ

Извршителите на најтешките кривични дела секогаш го привлекувале вниманието на криминолозите, а и на поширокаta јавност. Всушност тие се само сторители на најтешки кривични дела кои се поопасни на одреден начин. За јавноста тие се опасни "злосторнци" и "убици"-кои едноставно привлекуваат негативни етички отценки и уште понегативни емоции.

Со оглед на тоа дека секој деликт против животот и телото содржи поинаква, единствена животна приказна сосема е разбирливо дека се бара помош од вештакот психолог, со цел да се разоткрие вистината со помош на сретствата за психолошка анализа. Оваа анализа би требало да овозможи увид во посебноста која е својствена за популацијата на убици. Сите емпириски истражувања укажуваат дека убиството, барем од психолошки аспект се издвојува од криминалот. Сторителите на најтешкото кривично дело не се хомогена популација по психолошките својства и во тој поглед јасно се разликуваат од маргиналните сторители на некои други кривични дела.

Искуствата на судските вештаци на кои им се доверуваат на проценка случаите на крвни деликти упатуваат на заклучок дека мотивацијата на извесни престапи, посебно убиствата и силувањата, доминантно е психолошка, па и психопатолошка.

Во праксата обично при вештачењето на крвните деликти психологот настапува со психијатарот и со некои други вештаци. Тој делува од сенка, бидејќи основен интерес на судот е проценката на подобноста за пресметливост, а не некои суптилни анализи на личноста на сторителот на крвен деликт.Психологот, во улога на судски вештак, го брани угледот на својата професија, но пред се има улога на "стручен сведок" во конкретниот случај.

Кога станува збор за проценка на сторителот на крвен деликт, обично се повикуваме на некој критериум на класификација од стручната литература каде што овие класификации се пред сè психијатриски творби. Во нив критериумот на споредба е прилично нејасен и посебен проблем е мешањето на карактеристиките на злосторството и злосторникот.

Капамаџија го цитира Штајгледер кој извршителите на крвни деликти ги дели во 3 групи. Првата група убиството го чини во афект, втората група се се нагонски убијци (Што обично подразбира импулсивност во однесувањето во стилот на „краток спој") и третата група се рационални убијци (екстремно егоистични и сиромашни со емоции). Оваа поделба е типолошко-карактеролошка и содржи многу недостастоци.

Истиот автор смета дека убивањето на човекот е одраз на односот меѓу личноста на сторителот и ситуационите фактори, присутните релации, што значи дека под вонредни надворешни околности и нормалниот човек може да стане убиец.Овој заклучок првенствено се однесува на „афективните убици“ кај кои не постои можност да го повторат деликтот, за разлика од останатите две групи каде рецидивот може да се очекува.

5. ПРОЦЕНКА НА СЕКСУАЛНИТЕ ДЕЛИКТИ

Научните сознанија укажуваат дека сексуалните делинквенти се екстремно хетерогена популација, бидејќи тие не спаѓаат во доменот на ниедна болест. Исто така е сигурно дека не постои ни карактеристичен општ тип на сексуален престапник. Но, можно е да се откријат извесни заеднички карактеристики од психолошка природа.

Сите тие, со исклучок на постарите личности со педофилна ориентација манифестираат повеќе или помалку заостанување во развитокот на личноста, нејзина самоактуелизација и реализирање на основните животни потреби. Емпириските истражувања покажуваат дека во детството спонтаноста им била ускратувана, а потребата за љубов и нега им била незадоволена. Сексуалниот живот на таквата личност се сведувал на мастурбација и сексуални фантазми. Своите слабости ги надокнадува со отворени и агресивни напади, за кои психоаналитичари тврдат, дека симболички ја „убиваат“ својата мајка, користејќи го својот полов орган наместо пушка или нож. Реализирањето на таквите фантазии секако дека претставува израз на неусогласеност и ненаоѓање на адекватни облици на остварување на сопствената личност.

Меѓу извршителите од оваа група деликти се јавуваат неадекватно структурираните личности кои во потполност ги прифаќаат своите настрасти и своите симптоми, и покажуваат склоност од нив да извлечат некоја сексуална корист. Не чувствуваат вина, не се загрижени за својата жртва и не знаат дека со нив нешто не е во ред.

За разлика од неадекватно структурираните личности, кои не кријат дека сексуалниот партнер им е само средство за задоволување на непосредните потреби, другите сторители на сексуални деликти, ако ги признаат и ги прифатат, дури и ја зголемуваат својата вина поради забранетите активности. Но, признавањето не ги спречува да се препуштат на извесни настани и уживања. Еротскиот престап, донекаде ги чини посреќни во животот.

Задачата на вештакоте во конкретен случај е да предложи некој психотераписки третман.

Во категоријата на сексуални престапи спаѓаат инцестните деликти. Забраната на инцестот е најстар закон во историјата на човештвото, кој најстабилно се одржувал во историјата на човековата општественост. Самиот тој факт може да се толкува како доказ на тврдењето дека на сексуалноста е изграден човековиот вид и неговата историја. Таа врска посебно успешно ја развила психоанализата во која поимите на Електра и Едиповиот комплекс имаат централна улога како заштита од псдихички пореметувања. Антининцестната кампања трае со илјадници години, и се смета дека забраната на инцестот е природна работа. Но, природата не го забранила инцестот и почитувањето на оваа забрана се учи. Нејзината општа смисла е регулирање на односот во семејството и општеството, со цел на младите да им се олесни одделувањето од родителите и отворањето кон другите. Универзално е забранета врската меѓу непосредните крвни сродници (Родител-дете, брат-сестра)

Сторителите на инцест најчесто припаѓаат на пониските социјални слоеви. Мошне често чинењето на инцестуозниот чин се доведува во врска со злоупотреба на алкохол. При вештачењето тие се обидуваат да ја докажат својата нормалност и „нечесните“ намери на другата страна.

Пред вештакот ја истаккнуваат својата „нормалност“ како аргумент на „невиноста“ иако од статистичките податоци е познато дека меѓу сторителите на инцест се наоѓа мал број на психотични личности (меѓу 3- 6%), а уште помал број покажува претерана посветеност на сексот.

6. ПРОЦЕНКА НА ПОДОБНОСТА ЗА СВЕДОЧЕЊЕ

Сведочењето најкратко речено е приказна за настанот. При сведочењето човекот сака да ја открие и соопшти својата слика за светот и случувањата во него, меѓутоа таа слика не личи само на него, нити на светот кој го опкружува. Во психолошка смисла сведочењето се одвива на два колосека: на колосекот на увидот, односно интроекцијата на светот во себе и на колосекот на воспоставување на ставови односно проекција на себе во светот. За правникот исто така е важно да знае дека нема никаков увид кој во ист момент не е став и обратно.

Овој психолошки факт, никаде како во судската пракса не побудува скептичност во поглед на вистинитоста на сведочењето. Во судската постапка, како и да се очекува од сведокот да биде невнимателен, тешко да

го опишува виденото и доживеаното, па дури и со одредени намери и да ја фалсификува реалноста.

Се разбира дека работите во судското сведочење не се црни сами по себе, ние така ги боиме. И недоволно образованите сведоци кои не се доволно елоквентни, ако се водени од искусен и трпелив судија, можат да дадат исцрпен и веродостоен исказ.

Психологот како судски вештак се повикува кога постои сомневање дека во поглед *на можноста за веродостојност на сведочењето*. Испитувањето на личноста во тој случај е усмерено на анализа на поедини психички процеси, но и на личноста во целина. Од психичките процеси најмногу се испитуваат способноста за перцепирање, внимание, помнење, репродуцирање, мотивација и интелектуални способности. Често психологот се ангажира за да му помогне на судот при проценката на сведочењето на децата и малолетниците. Она за што тој се изјаснува секогаш е само подобноста за веродостојно сведочење. Вештакот не се прашува дали некое сведочење е вистинско или не.

7. ПРОЦЕНКА НА ОПАСНОСТА КАКО УСЛОВ ЗА ПРИМЕНА НА МЕРКИТЕ НА БЕЗБЕДНОСТ ОД МЕДИЦИНСКИ КАРАКТЕР

Вообичаеното медицинско сфаќање го оправдува преземањето на присилно лекување (во смисла на примена на мерките на безбедност од медицински карактер) спрема психички болните според следнава логика. Човекот во општеството со својата дејност ја остварува својата слобода, но таа слобода не е имуна на различни ограничувања и ускратувања. Еден од условите за остварување на човековата слобода е психичкото здравје, а спречувањето или укинувањето на тоа здравје е душевна болест, која пак ја спречува или укинува човековата слобода.

Всушност значењето на поимот болест се поврзува со отценката на непосредниот однос кој постои меѓу човекот и неговите дела. За тој однос не поостои универзален критериум, без оглед дали човек е душевно здрав или болен. И душевно болен човек, поготово надвор од непосредниот акт на неговата болест, може да биде слободен и легално компетентен, па априори поради болеста неможе да му се укине одговорноста. Според овие факти сè почесто во некој европски земји се зазема став дека на психијатриските пациенти, обвинети за различни деликти треба да им се суди под исти услови како и на сите други престапници и да им се изречи временска казна затвор.

Непресметливоста се проценува во секој поединечен случај, без обзир на евентуалната етикета на болеста. Најмалку јасна е врската меѓу опасноста и непресметливоста[4]. Тој однос покрај лаичките гледишта е неопровиден и непредвидлив. Сепак опасноста стана клучен поим за изрекување на мерки за безбедност од медицински карактер. Оваа санкција се заснива на неодредена идеа за превенција. Опасноста за оклината се состои во веројатноста обвинетиот доколку не се упати на присилно лекување, ќе го повтори кривичното дело или ќе направи друго кривично дело во непресметлива состојба. Во оваа смисла лекувањето е неопходно заради отстранување на опасноста за околината.

Проценката на опасноста на психички болните и непресметливите престапници ја одредува "форензичката терапија" Таму каде што нема општествена опасност нема ни потреба за одредување на специфичен третман. Но тоа не значи дека психички болните не треба да се сметаат за безопасни. Во секој случај останува констатацијата дека сè уште главен критериум за општествена опасност е претходното опасно однесување.

Abstract

Forensic evidence entails application of scientific and technical procedures and methods aimed at assessing and examining essential facts that are relevant when it comes to clarifying some crucial issues of the criminal procedure. For this purpose, an expertise is necessary, which the authorities in charge of the criminal procedure do not possess. An expert is needed who is a specialist in a certain field and who will, thanks to their expert knowledge, be able to assess, establish and clarify important issues of the criminal procedure.

The first steps of the practical psychology or "applied psychology" as it is often referred to, are regularly carried out on the basis of psychodiagnostics. Psychodiagnostics has always been considered like a transitional phase from individual cases towards more special and general cases and plans that this science uses. However, when it comes to forensic psychology, a transitional phase like that one still needs to be defined. The lack of a common (both psychological and legal) strategy in praxis has up till now impeded the creation of such a phase. This problem stems from the

[4] G.Huber: " Forchungsrichtungen ung Lehremeinungen in der Psychologie", u knjizi: Goopinger, H.,Witter, H.: Handbuch der forensischen Psychiatriee, Springer-Verlag, Berlin,1972.

lack of general knowledge about the issue we are examining and working on, and that knowledge is more than just a mere convention and very often it takes us outside the boundaries of the things we are familiar with. The definition of this general knowledge as a specific criterion is supposed to facilitate the examination of the subject of out interest – the criminal behaviour.

Key words: forensic evidence, forensic psychology, psychodiagnostics, intellectual capabilities, heat of passion situations, homicide, sexual offences, testimony, security measures.

Литература

1. Бергер Ј, Биро М, Хрњица С. Клиничка психологија, Научна књига, Београд,1990 г
2. Костиќ М.Форензичка психологија, Завод за уџбенике и наставна сретства, Београд, 2002 г.
3. Кател Р. Научна анализа личности, БИГЗ, Београд, 1978 г.
4. Капор Г. Психопатије или поремеќаји понашања, Научна књига, Београд,1988 г.
5. Петровиќ М. Експертиза на личности на обвинетите лица, Зборник института за криминолошка и социолошка истраживања, 3, Београд, 1974 г.
6. Maslov, A.Motivation and peronaliti, Harped, New York, 1954 g.
7. Фројд А. Его и механизми одбране, Психолошки билтен-специјално Издање, Београд, 1962 г.

323.14 : 355.45

Асс. м-р **Оливер АНДОНОВ**

ЕТНОПОЛИТИЧКИТЕ КОНФЛИКТ КАКО СОВРЕМЕН ПРЕДИЗВИК ЗА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ

Апстракт

Етнополитичките конфликти претставуваат сериозна современа закана за националната безбедност. Во тој контекст тие претставуваат и предизвик во конструирањето на концептот на националната безбедност и креирањето на безбедносната политика. Етнополитичките конфликти претставуваат специфични конфликтни процеси кои на повеќе полиња ја оптеретуваат националната безбедност. Присуството на заканите и ризиците во етнополитичките конфликтни процеси е повеќе изразено отколку во некои други конфликтни процеси, првенствено имајќи ја во вид нивната поврзаност со многу сегменти на внатрешната и надворешната безбедност на државата. Токму во таа насока и се движи современата концепција на националната безбедност, изнаоѓајќи ги современите предизвици, дефинирајќи ги изворите на загрозување, ризиците и заканите по безбедноста и во таа рамка делувајќи превентивно и во насока на рано предупредување од ескалацијата на конфликтите.

Вовед

Поврзаноста на националната безбедност како интегрален безбедносен концепт, во современите општествени релации особено во однос на меѓуетничките односи има свое силно влијание врз креирањето на безбедносната политика на државата.

Тоа особено е изразено во однос на менаџирањето со меѓуетничките односи во услови на скорешен етнополитички конфликт во рамките на постконфликтните општества, а во исклучителни услови на траење на конфликтниот процес заснован врз етнополитичка база.

Овој труд нема во детали да ја опфати комплексната поврзаност на националната безбедност, креирањето на истата и влијанието на етнополитичките конфликти врз неа.

Основните параметри во доменот на појмовите со кои ќе се сретнеме во трудот, нивната дефинираност и коментарите, ќе ги изложиме накратко.

Националната безбедност како концепт е теориски детерминирана. Нејзината прагматична реализација е пред се зависна од динамиката на политичките случувања, како внатре во државата, така и во меѓународните релации на државата. Тоа особено се однесува на односите во непосредното соседство, како и регионалните релации. Односите се особено чувствителни доколку истите се оптеретени со внатрешни или во непосредното соседство присутни етнополитички конфлктни процеси.

Етнополитичките конфликти можеме да ги ставиме во редот на вискоризичните конфликтни процеси. Тие причинуваат голем спектар на закани и ризици по националната безбедност и одразуваат силно влијание врз креирањето на националната безбедносна политика. Често пати, политичките елити немаат доволно капацитет да ги согледаат и навремено детерминираат современите облици на загрозување на националната безбедност и со тоа ги определат правците на делувањето во менаџирањето со ризиците, а со тоа и со конфликтниот процес. Затоа етнополитичкиот конфликт го обременува општеството во сите сегменти и претставува предизвик за националната безбедност.

1. Национална безбедност

Националната безбедност претставува интегрален концепт на безбедност во една држава. Овој поим сугерира на појвата на феномен определен на ниво на државата. Сепак неодминлива е неговата поврзаност со индивидуалната, регионалната и системската сфера на проблемот и истата е изразена низ бројни и цврсти интеракции.[1]

Нациналната безбедност на централно место ги издига политичкиот и воениот сектор преку кои државата се воспоставува како најцврста општествена организација. Покрај влијанието на политичкиот и воениот сектор врз конципирањето на националната безбедност, изразено е и влијанието на економскиот и социјалниот сектор.

Поврзаноста на индивидуалната безбедност (human secyrity) и контрадикциите во системот на националната безбедност е изразена преку:

а) Безбедноста на поединецот која е вклештена во односот на државата кон заштитата на човековата безбедност во сите полиња и репресијата на државата врз поединецот заради заштитан а повисоките интереси на безбедноста или

[1] Л.Георгиева **„Творење на мирот-мирпт, безбедноста и конфлитките по Студената војна”**, Виладорф, Скопје 2004, стр.44

во меѓународните релации; Мора да напоменеме дека етничката припадност е исклучително индивидуална определба на поединецот, но таквата определба го идентификува со групата на етничко ниво и според аналогијата на групната психологија влијае врз неговата определба да ги поддржува групните цели на својата етничка група. Вака накратко образложен однос на личното со групното не води кон идентификацијата на групните политички цели со сопствени во однос на етничката група. Тоа е вовед во етноплитичката мобилизација на што мора да го надоврземе влијанието на лидерите во групата или политичката елита.

б) Воглавно за државите главниот безбедносен предизвик произлегува од нивниот однос кон другите држави. Од тука и главниот правец на развој на стратегијата за националната безбедност претставува развојот на воениот и економскиот сектор.[2] Колку е рационален или ирационален овој пристап нема да го коментираме, бидејќин не е од посебен интерес за овој труд.

в) Најголеми се контрадикциите кои се манифестираат помеѓу односите во секторите. Така, доколку политичкиот сектор има сопствени оправдани цели во поглед на детерминираноста на националната безбедност на внатрешен и на меѓународен план, и во таа насока се насочува воениот сектор, тоа немора да значи и прифатлива економска политика. Или пак, може да значи продуцирање на безбедносни предизвици во социјалниот аспект.

Токму успешното менаџирање со сите влијателни сектори во националната безбеднсот и нивен општествен баланс можат да ги издиференцираат најзначајните безбедносни предизвици за државата и заштитата на нејзината национална безбедност.

1.1. Концепт на национална безбедност

Националната безбедност како концепт најчесто се базира врз класичниот концепт на безбедност.

Најчесто, во рамките на вака определеното толкување на националната безбедност се ориентираме кон меѓудржавните димензии на националната безбедност. Со тоа, вака поставената национална безбедност се става во контекст на создавањето на државната политика. Ваквото разбирање на националната безбедност како концепт уште се нарекува „поедноставен концепт”.[3]

Кон концептот на националнта безбедност немора да се приоѓа единствени преку класичниот безбедносен концепт. Одтука, покрај приодот карактеризиран преку фаворизацијата на силата како модел за зачувување на

[2] Исто, стр.45
[3] Исто, стр.49

националната безбедност или реалистичен приод, во научната јавност се сретнува и идеалистичкото толкување, односно приод кон безбедноста, каде што таа се гледа како консеквенца на мирот. Тука е всушност конципирано и менаџирањето со конфликтите и предизвикот за националната безбедност за одржување на мирот и одржување на етнополитичките конфликтни процеси на ниво на латентен конфликт.

Најголемо влијание врз концептот на националната безбедност има меѓузависноста во рамките на современата меѓународна заедница. Меѓузависноста во реалистичкиот приод ги истакнува економските и социјалните проблеми во меѓудржавните односи, а кои влијаат врз креирањето на политиката и националната безбедност. Меѓузависноста вклучува намерни, често натпреварувачки интеракции помеѓу мноштвото различни, но цврсто воспоставени држави. Влијанието на меѓународната заедница се пренесува на регионално ниво, а присутноста на етнополитичките конфликти особено при постоењето на "допирни територии" кај соседните држави создава потреба од особено внимателно менаџирање со конфликтниот процес.

Основните контрадикции и дилеми во однос на концептот за безбедност на државата се насочуваат кон одбрамбените дилеми и дилемата за силата и безбедноста. Стратегиите на овие две дилеми ја одразуваат основата на воената димензија на проблемот на националната безбедност.[4]

1.2. Современи аспекти на националната безбедност

Традиционалната детерминираност на националната безбедност во насока на одбраната или употребата на воена сила заради обезбедување на безбедноста, во современиот свет го измени овој концепт и тоа првенствено заради:

- ❖ Измената на приоритетот во безбедносните области, како резултат на меѓузависноста и поврзаноста на современата политика во меѓународните односи.
- ❖ Новите политичко-економски карактеристики на современата потреба за национална безбедност.
- ❖ Изразените интегративни и интелектуални квалитети на новиот концепт на националната безбедност.

Изразената меѓузависност во меѓународните однос, како и нивното влијание врз сите аспекти на внатрешното општествено живеење на државите го сменија и во континуитет го менуваат профилот на заканите врз државите и

[4] Исто, стр.53

нивната изложеност кон нив, со што се менуваат прагматичните и теориските безбедносни предизвици, со кои треба да се справуваат државите.

Намалувањето на непосредните воени закани е манифестирано со појава на нови закани и на глобален план.

Една од поновите закани е заканата кон животната средина која има глобално влијание, но сеуште за неа не постои цврста стратегија.

Етнополитичките конфликти како закана не се однесуваат исклучително на државите кои имаат во своите општества етнички малцинства, бидејќи етнополитичките конфликти немора да бидат предизвикани исклучително од страна на етнички малцинства, туку во нив може да учествуваат, етнички религиозни малцинства или етнокласи што е честа појава во глобалното движење на работната сила и миграциите во светот. (на пример да ги земеме Турците во Германија кои претставуваат голема и цврсто хомогенизирана етнокласа)

Токму меѓусебната поврзаност на државите, нивните внатрешни собитија и глобалното влијание на заканите ги прави ранливи сите држави (големи или мали, богати или сиромашни), загрозувајќи ги во широк спектар, од индивидуаллно загрозување на граѓаните па се до целата заедница, вклучувајќи најразлични актери.

Проширувањето на современиот концепт на безбедност (национална безбедност), се должи и на профилирањето на мирот како главна грижа за безбедноста. Понатаму, како резултат на мировните проучувања уште од седумдесетите години на минатиот век (Јохан Галтунг), се разви проучувањето и разбирањето на конфликтите (од секоја природа: политичка, воена, економска, етничка, социјална и друга), нивното разрешување и конфликтниот менаџмент како наука и теориска рамка за менаџирање со конфликтниот процес од фазата на превенција и рано предупредување, па се до фазата на деескалација на конфликтниот процес кој ескалирал во вооружен конфликт.

Ваквиот нов, современ пристап кон националната безбедност дава нов и употреблив политички квалитет на безбедноста, во широк аспект на можностите за делување.

Секако дека, дел од традиционалните аспекти на националната безбедност се задржани и во современите услови, а тоа првенствено е воената сила. Воената сила, особено при задоцнето реагирање најчесто не дава резултат и современата национална безбедност бара превентивна реакција со сите ресурси и навремено откривање на заканите, особено кога зборуваме за етнополитичките конфликти на оние закани кои може да предизвикаат ескалација на конфлиткниот процес во насилен.

1.3. Државата како референтен објект на националната безбедност

Класичните теории за поимот "држава" и нејзиното општествено уредување, најчесто можат да се сместат во две групи, и тоа:

- Конзервативната теорија и
- Либералната теорија

Без намера посебно да ги толкуваме и разработуваме овие две теории за државата, накратко ќе кажеме нешто за примарниот модел "нација-држава" и вториот модел "држава-нација".

Поимот, односно моделот "нација-држава" ја одразува вредноста на нацијата пред државата, при што, државата ја превзема улогата на заштитник на нацијата.

Другиот модел, "држава-нација", има улога на креирање на нацијата од страна на државата, односно на одредена територија се создава држава, а според државата и нација.

Многу малку држави во светот најпрво ја имале нацијата како основа за потоа да ја создадат државата како општествена творба од највисоко значение.

Воопшто земено, покрај овие два модели постојат и други модели на држави се до мултинационалните држави, но воглавно сите држави имаат во својот состав поголеми или помали малцински групи, а самиот однос кон нив, нивните права и позиционираност во уставот и воопшто во општеството ја определува либералноста на државата.

Но, од аспект на националната безбедност, во корелација со поврзаноста нација-држава, безбедноста може да предизвика различни видови на загрозување и несигурност. Додека, внатре во државата постојат различни предизвици во многу што мотивирани од конфликтните случувања во општеството, од кои пак зависи дефинирањето на внатрешната политика и безбедност на државата, на меѓународен план во рамките на ООН е дефинирана меѓународната безбедност на државите. Воглавно оваа меѓународна безбедност на државите е на релацијата помеѓу државите како меѓународно правни субјекти и се однесува на вооруженият напад врз некоја од државите [5], и постапката за зачувување на светскиот мир.

[5] Обединети нации-темелни документи, **"Повелба на Организацијата на Обединети Нации"**, Глава VII Дејствија во случај на закани по мирот, нарушување на мирот и акти на агресија, член 49 и 51, НИП Нова Македонија, Скопје 1995, стр.24

Според изложеното, видливо е дека државата претставува референтен објект на националната безбедност како на внатрешен, така ин а меѓународен план.

1.3.1. Слаба држава и силна држава како референтен објект на безбедноста

Во рамките на анализите на националната безбедност, од особено значение е дистинкцијата помеѓу слаба и силна држава. Според Бузан [6], терминате слаба и силна држава се опишуваат со степенот на социо-политичката кохезија. Традиционалното пак разбирање на поимите слаба и силна држава, се однесува на односот во дискриминацијата помеѓу државите, согласно нивната воена и економска способност во однос на другите држави.

Дали некоја држава може да се вброи во категоријата на силни или слаби држави, се определува според листа која ги опфаќа следните состојби:[7]

Прво, високото ниво на политичко насилство;

Второ, значителната улога на „политичката полиција" во секојдневниот живот на граѓаните;

Трето, голем политички конфликт околу идеологијата според која што би се организирала државата;

Четврто, недостаток на кохерентност на националниот идентитет, или присуство на спротивставени национални идентитети во државата;

Пето, недостаток на јасна и воочена хиерархија на политички авторитет и

Шесто, висок степен на државна контрола врз медиумите.

Сите овие елементи ја чинат државата изразено референтен објецт на националната безбедност и бараат соодветна политичка насока за делување на разузнавачката заедница во насока на откривање и спречување на изворите на загрозување.

Кога државата е силна, националната безбедност се насочува кон заштита на компонентите на државата, првенствено во меѓународните односи.

Кога пак, државата е слаба, националната безбеднсот е насочена кон заштита од внатрешните загрозувања (етнополитичките или социјалните и други загрозување), бидејќи, најпрво сериозните внатрешни проблеми ја загрозу-

[6] Л.Георгиева **„Творење на мирот-мирпт, безбедноста и конфлитките по Студената војна"**, Виладорф, Скопје 2004, стр.55
[7] Исто, стр.83

ваат државата во својот опстанок. Во ваков случај за сериозно позиционирање на државата на меѓународната политичка и економска сцена неможе да се зборува, при што и самиот концепт на националната безбедност станува понедефиниран.

1.4. Меѓународни димензии на националната безбедност

Поврзаноста на државите во современиот свет бара и поврзаност на националната безбедност во рамките на глобалните случувања. Сепак, на крајот очигледен е фактот дека националната безбедност ги сумира сите други односи од доменот на безбедноста, како на индивидуално, така и на системско ниво.

Во маѓународните релации постојат голем број на спротивставени интереси како меѓу државите така и помеѓу внатрешните динамики на државите и нивните надворешни односи и позиции. Овие односи првенствено ги менаџираат владите, усогласувајќи ги овие понекогаш дивергентни сили. Иако, внатрешните политички процеси со особен акцент на етнополитичките конфликти, ја чинат главната независна варијабла во однос на политичките одлуки за приоритетите на националната безбедност, тие предизвикуваат натпревар со останатите приоритети на државата, директно влијаејќи врз меѓународната позиција на државата, особено во односите во регионот и кон своите соседи.

Меѓународните политички односи, односно системот го карактеризира анархија како недостаток на централна власт. Со тоа основен атрибут на државата е нејзиниот суверенитет, но влијанието врз меѓународната безбеднсот го чини меѓусависноста на државите, што ја нагласува неделивоста на безбедносната меѓузависност. Во контекст на етнополитичкиот конфликтен процес, оваа може да значи опасност од прелевање на конфликтот или непосредна поддршка од соседството на една од страните во конфликтот, особено доколку имаме допирни територии во граничните подрачја. Во овој случај немора да значи дека етничката група од другата страна на границата ја има и својата матична држава, туку може да се работи за малцински групи и од двете страни на границата но концентрирани на единствена територија (таков е случајот со Курдите во Турција и во Ирак).

Анархијата во меѓународните односи донекаде е санкционирана преку ООН, каде што се забележува прогрес на меѓународниот систем но, присуството на слаби држави во ООН, нестабилни регион ии конфликтите помеѓу државите членки на ООН ги обременуваат решенијата за достигнување на меѓународна безбедност.

Постоењето на колективните системи на безбедност во меѓународната заедница или во поедини региони, како што е ОБСЕ (Организација за Безбедност и Соработка на Европа) во чии рамки членуваат и држави кои не се

на европскиот континент како САД и Канада претставуваат обид за регионално усовршување на безбедносното опкружување и начин на надминување на регионалните безбедносни предизвици особено кога се во прашање етнополитичките конфликти. Воено политичките сојузи претставуваат изразено оптеретување на односите помеѓу државите во меѓународните односи од едноставана причина што не се во состојба да ги вклучат сите држави како што е случајот со НАТО, но и на своите членки не им ја гарантираат внатрешната безбедност, а исто така не се имуни на поедини активности на одделни свои земји членки кон трети земји (случајот на Турција кон Ирак) или пак на судири помеѓу земји членки (латентниот конфликт помеѓу Турција и Грција, кој понекогаш ескалира во отворен вооружен конфликт, особено во однос на Кипар и територијалните води во Егејското море). Дури заедничките разузнавачки компоненти на земјите членки често пати доаѓаат во судир поради спротивставеноста на политичките детерминанти на националната безбеднсот и детерминантите на колективната безбеднсот и интереси на заемјите членки.

Сепак може да кажеме дека основата на меѓународните димензии на националната безбедност претставува поврзаноста помеѓу зголемувањето на видот и обемот на загрозувањето, и чувствителноста на државите, а што поттикнува меѓузависност и поврзаност на државите во однос на изградба на концептот за взаемна безбедност. Концептот на взаемна безбедност ќе ги насочи политичките одлуки на државите во однос на зачувувањето на националната безбедност кон заедничките цели за попречување на загрозувањата како што се на пример етнополитичките конфликти кои влијаат врз стабилноста не само на една држава туку и на регионот.

2. Етнополитичките конфликт како современ предизвик

Конфликтите како постојана општествена појава, се појавуваат во својата динамика непрекинато во текот на сите епохи и општествени уредувања. Вообичаено и лаички конфликтот се поистоветува со насилството и тоа вооруженото насилство, а во контекст на негативна општествена појава која носи исклучително зло и насилство. Сепак конфликтите немора секогаш да бидат негативни и да носат насилство, туку често пати може да продуцираат одредени неопходни општествени промени или да ја забрза динамиката на општествените промени. Конфликтите во својата динамичност може да предизвикаат и динамично согледување на политичките аспекти во однос на загрозувањата врз државата, да ја редефинираат политиката и концептот на националната безбедност.

Поимот конфликт е различно дефиниран, од крајно негативен до позитивен феномен, или од однос помеѓу две држави во меѓународните односи

па се до внатредржавен конфликт или конфликт помеѓу групите (етнички, политички, социјални, економски и други) во една држава.

Ортаковски конфликтот го дефинира во рамките на меѓудржавен или меѓународен аспект, зборувајќи за „спор", при што вели: *„ситуација во која еден субјект е ангажиран во свесно спротивставување на друг субјект во меѓународната заедница, бидејќи тие имаат спротивставени цели, наведувајќи уште дека конфликтот го претставува оној дел од спорот во кој постои опасност од употреба на воена сила, или таа е веќе употребена„.*[8]

При ваквото дефинирање на конфликтот забележливо е дека Ортаковски истиот го сместува во рамките на меѓународен судир и сврзан со употребата на вооружената сила.

Иако постојат многу дефиниции за конфликтот како поим, кои пак дефиниции се сврзани со општественото гледиште на научните работници кои го дефинирале,ние ќе го дефинираме онака како што го дефинирала Георгиева, која што вели: *„конфликтот е состојба во која што најмалку двајца актери, или нивни претставници се обидуваат да ги остварат своите спротивставени цели со онеспособување, директно или индиректно, на способноста на противникот за дејствување"*.[9]

Еден од карактеристичните типови на конфликтот кои се појавува како внатрешен конфликт и кој претставува предизвик и извор на загрозување врз националната безбедност на државата, и воедно бара вештина во дефинирањето и прагмата на внатрешната и надворешната политика е етнополитичкиот конфликт.

Етнополитичкиот конфликт како внатрешен политички конфликт помеѓу етничките групи или помеѓу владата и поедини етнички групи, најчесто малцински претставува голем предизвик за креирање на безбедносната политика на државата. Оваа првенствено се должин на фактот што како внатрешен политички конфликт тој би требало да биде тертиан како безбедносен проблем исклучиво на самата држава. Но, со оглед на тоа дека се работи за политички конфликт заснован врз поделбата на етничка основа и конфронтираноста на страните во конфликтот не само околу политичките прашања, а кои се однесуваат на една држава, но политиката има пресудно влијание врз неговот менаџирање и справувањето со истиот. Мора да се има во вид дека основата на етнополитичкиот конфликт многу често, ако не и секогаш е депривацијата или лишеноста од ресурсите на државата, особено изразено кај лидерите и

[8] Група автори, В. Ортаковски, Т.Гоцевски, Л.Георгиева, **„Разрешување и трансформација на конфликтите",** Филозофски факултет, Скопје, 1999 година, Дел втори, стр.56

[9] Л. Георгиева, **„Творење на мирот-мирот, безбедноста и конфликтите по Студената војна"** ,-Филозофски факултет, Скопје 2007, стр.95

политичките елити, но и кај индивидуите кои се идентификуваат со групата и кај кои постои силна групна приврзаност.

Според тоа етнополитичкиот конфликт може да го дефинираме како: **комбинација на психолошките и општествените влијанија произлезени од лишеноста од одредени основни потреби, економски, политички или егзистенцијални ресурси на поединците, групите и државите, а како резултат на завземеноста, монополизацијата на овие ресурси од страна на други поединци, групи или држави.**

Внатрешниот судир, односно етнополитички конфликт влијае врз стабилноста на државата, ја прави слаба, слабеејќи ги нејзините институции и воедно ја прави слаба на меѓународен план, предизвикувајќи ги другите конкурентски држави на вмешување со користење на различни методи. Особено се засилува надворешното влијание доколку етнополитичкиот конфликт е на релација влада (или мнозинство)-етничко малцинство кое има соседна матична држава. Доколку таа соседна држава е силна или етнички компактна, тогаш предизвикот за националната безбедност изразен преку загрозувањата, нивната силина и редослед ќе биде уште поголем. Изразената ескалација на етнополитичкиот конфликт во насока на вооружено насилство ќе предизвика појава на терористички или други насилни акции врз државните институции кои во корен ќе ја променат националната безбедносна политика.

Токму заради справување со современите предизвици, постои потреба националната безбедност да изврши проценка на изворите на загрозување и да изврши рано предупредување.

2.1. Проценката на изворите на загрозување и рано предупредување - врвната задача во креирањето на националната безбедност

Навремената проценка на современите извори на загрозување и раното предупредување за загрозувањето на државата претставува врвна задача на современото креирање на националната безбедност. Оваа задача и нејзиното навремено и успешно исполнување има витално значение во зачувувањето на државата и тоа преку влијанието врз политичките постапки и активности на политичките елити и навременото редефинирање на приоритетите на националната безбедност.

Имајќи ја во вид комплексноста на односите на релацијата етнополитички конфликти-национална безбедност и комплексноста на проблемот на безбедносните загрозувања, особено динамиката на современите загрозувања, концептот на превентивно делување наместо реактивно делување е значаен напредок во конципирањето на националната безбедност.

Основната улога на проценката на ризиците е да овозможи навремено прибирање на информациите и нивна анализа како основа за навремено предупредување за одредена закана врз националната безбедност на државата.

Обидите да се превенираат заканите и ризиците, односно да се создадат модели за проценување на ризиците и рано предупредување, според Георгиева се однесуваат на ситуации кои најчесто се дефинираат како:

- политичка нестабилност;
- дистрибуција на оружје;
- конфликти за природни ресурси;
- внатрешни конфликти;
- геноциди, масовно кршење на човековите права;
- колапс на држави;
- кризи за храна;
- бегалски кризи и внатрешно раселување.[10]

Имајќи во предвид дека главната цел и задача на разузнавањето е навремено да се утврдат појавите и промените кои тие појави ќе ги предизвикаат во однос на безбедноста на државата, се наметнува и потребата за создавање модел на проценка и предупредување на овие ризици и тоа во концептот на националната безбедност.

Георгиевска, го пренесува системот за рано предупредување на Дејвис и Гур, создаден во 1998 година.[11]

Овој систем предвидува:

- истражување и развој;
- монитори;
- детекција
- предупредувачи;
- селекција на канали и агенти за одговор;
- инструменти за одговор.

Зборувајќи за моделите за рано предупредување кои се поврзани со факторите за проценување и ескалација на кризите, се прави дистинкција помеѓу моделите и системот за рано предупредување. Додека терминот „систем за рано предупредување" се употребува за csстем кој прибира и анализира информации за да овозможи предупредување независно од видот на загрозување, моделите претставуваат различен пристап кон одредени видови на загрозување, и во согласност со проблемот кој го имаат за цел се дизајнирани.

[10] Л.Георгиева, **„Менаџирање на ризици"**, Филозофски факултет, Скопје, 2006стр.141/142
[11] Исто, стр.143

Нешто повеќе за овие модели во кои спаѓаат и посебни пристапи за рано предупредување на етнополитичките конфликти, политичките загрозувања, утврдување на причините за колабирањето на државата и нејзините институции, како и за потребите на надворешно политичката анализа и предизвиците кои произлегуваат од меѓународната позиција на државите со сите свои индикатори, ќе кажеме во друга прилика првенствено поради ограниченоста на должината на трудот.[12]

Заклучок

Во овој труд се обидовме да ја истакнеме поврзаноста на концептот на националната безбедност со етнополитичките конфликти, но и нивната комплексност во меѓусебните зависности, а пред се во однос на предизвикот кој пред креирањето на националната безбедносна политика го стават етнополитичките конфликти.

Поаѓајќи од класичното дефинирање на националната безбедност, преку презентирањето на современите поимања за улогата на државата во современиот свет и насоките во креирањето на безбедносната политиката. Преку истакнувањето на новите димензии на загрозување и потербата за проценување на загрозувањата, се обидовме да накратко ги претставиме сите оние сегменти кои влијаат врз профилирањето на современиот концепт на националната безбедност со особено влијание во однос на етнополитичките конфликти и загрозувањата кои произлегуваат од нив. Покрај тоа дојдовме до еден заклучок за предизвикот кој го создаваат етнополитичките конфликти врз современото конципирање на националната безбведност.

На крајот од трудот ќе се навратиме на концептот на Национална безбедност на Република Македонија и неговите детерминанти во однос на етнополитичките конфликти и загрозувања на државата.

Националната концепција за безбедност и одбрана на Република Македонија чии текст е усвоен на седницата на Собранието на Република Македонија на 11.06.2003 година,[13] која во своите два документи претставува политичка рамка на Владата на Република Македонија во однос на спроведувањето на одбрамбената политика и политиката на внатрешната безбедност и ги дефинира ризиците и заканите кон државата.

Иако вака изложените извори на загрозување претставуваат концепциски достаточно опфаќање на најважните загрозувања, потребно е да напоменеме

[12] Повеќе за моделите за рано предупредување и истражувачките проекти сврзани за раззличните предизвици може да се види кај Л.Георгиева во**„Менаџирање на ризиците”**

[13] Национална концепција за безбедност и одбрана на Република Македонија, текст усвоен на 24.седница на Собранието на Република Македонија на 11.06.2003 година

дека со оглед на динамиката на политичките и безбедносните случувања овие загрозувања се менуваат. Како во минатото, така и сега забележлива е динамиката на меѓуетничките односи и во тие рамки на движењето на конфликтниот процес.

Од тука неопходно е постојано собирање на информации и податоци, како и нивна анализа во насока на проценка и рано предупредување, што ќе предизвика непрестајно утврдување на новите предизвици во концепцијата на националната безбедност, особено на оние кои ќе се појавуваат на краток рок.

Карактеристично е изразена потребата од непрекинато следење на структурните фактори кои влијаат врз ескалацијата на етнополитичките конфликтни процеси и рано предупредување на појавата на изворите на загрозување, што директно влијае врз конципирањето на националната безбедност. Појавата на тригерите е веќе краткорочната фаза во која етнополитичкиот конфликтен процес не е предизвик за конципирање на националната безбедност, туку претставува предизвик за зачувување на мирот. Во овој случај концепцијата на национална безбедност треба да ги активира однапред подготвените механизми за деескалација на конфликтниот процес и негово враќање во состојба на латентност**.**

Литература

1. В. Ортаковски, Т.Гоцевски, Л.Георгиева, ,,Разрешување и трансформација на конфликтите", Филозофски факултет, Скопје, 1999 година.
2. И. Гариамати, ,,Реформа на безбедносниот сектор против опасноста од нови закани" - Предизвиците за реформите во безбедносниот сектор на Република Македонија", Институт за Одбрамбени и Мировни студии-Филозофски факултет Скопје и Центар за Демократска контрола на вооружените сили Женева, Македонска Ризница, Куманово 2003.
3. Л. Георгиева - ,,Творење на мирот-мирот, безбедноста и конфликтите по Студената војна", Виладорф, Скопје 2004
4. Л. Георгиева, ,,Творење на мирот, мирот, безбедноста и конфликтите по Студената војна" ,-Филозофски факултет,Скопје, 2007.
5. Л. Георгиева, ,,Менаџирање на ризици", Југореклам, Скопје, 2006.
6. Обединети Нации-темелни документи, "Повелба на Организацијата на Обединетите Нации", НИП Нова Македонија, Скопје 1995.

343.289(497.7)

Асс. м-р **Атанас КОЗАРЕВ**

СИСТЕМОТ НА КАЗНЕНА ЕВИДЕНЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – АКТУЕЛНА СОСТОЈБА И ПРЕДИЗВИЦИ

Апстракт

Системот на казнена евиденција во Република Македонија е воспоставен со Кривичниот законик и претставува модел на водење, обработка, бришење и користење на податоците од казнената евиденција кој е во надлежност на судовите како сегмент од судската власт во системот на парламентарна демократија. Наспроти, законската поставеност кај нас казнената евиденција сеуште е лоцирана во Министерството за внатрешни работи, кое на граѓаните и другите државни органи им издава уверенија за податоци содржани во тие евиденции. Ваквата актуелна состојба го загрозува уставното начело на владеење на правото и претставува сериозна закана за човековите слободи и права во демократското општество. Со цел, зајакнување на демократскиот капацитет на нашата држава, авторот на трудот се залага за брза имплементација на законските решенија – пренесување на податоците од казнената евиденција на Министерството за внатрешни работи во надлежност на судовите и зајакнување на надзорот на Дирекцијата за заштита на лични податоци во оваа област.

***Клучни зборови**: систем, казнена евиденција, владеење на правото, човекови слободи и права.*

1. Основи на уставната гаранција на сигурноста и тајноста на личните податоци

> "Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви по достоинство и права. Тие се обдарени со разум и совест и треба да се однесуваат еден кон друг во духот на општочовечката припадност"[1]

Уставот на Република Македонија прокламирајќи го концептот за основните слободи и права на човекот и граѓанинот, на највисоко рамниште ги поставува уставните основи на граѓанските и политички слободи и права.

[1] Член 1 од Универзалната декларација за човековите права на ООН, 1948 година.

Столб на граѓанските и политички слободи и права во нашиот уставен и политички систем се граѓаните кои "се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба."[2]. Исто така, граѓаните на Република се еднакви пред Уставот и законите и тоа како во поглед на нивните права, слободи така и во поглед на нивните должности и одговорности. "Ваквата определба е во рамките на цивилизациските настојувања да се обезбеди човековото достоинство. Тоа претпоставува и соодветна граѓанска храброст и одважност во примената на законите и нормите, но и користење на правните и други механизми за неспроведувањето на законите и неодговорното вршење на функциите и власта од страна на државните органи. Правото на еднаквост е еден од критериумите за вреднувањето на демократскиот карактер на определен политички систем, и е индикатор за демократските односи во општеството"[3]. Личните слободи и права се потврдени и загарантирани со уставните норми што претставува основа на "секоја демократска политичка теорија која е таква доколку се заснова врз човекот и врз неговата слобода, а тоа значи, врз сфаќањето и потврдата дека правата и слободите се, и можат да бидат реалност, вистински права и слободи – ако има демократија и за да ја има."[4]

Една од значајните уставни гаранции од сферата на личните слободи и права, содржана во член 18 од Уставот, претставува гарантирањето на сигурноста и тајноста на личните податоци. На граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците. Оваа уставна гаранција во суштина е последица на ратификација на меѓународните договори кои потоа стануваат составен дел на нашето домашно позитивно право. Во тој контекст претставува ратификацијата на Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматската обработка на податоци[5] која беше донесена од Советот на Европа во 1981 година, со цел во рамките на секоја држава, за секое лице, без разлика на националноста и местото на живеење, да се осигура почитувањето на неговите права и основни слободи, особено правото на приватност во однос на автоматската обработка на лични податоци поврзани со него. Имено, Советот на Европа со донесување на Конвенцијата од 1981 година, настојуваше да постигне поголемо единство помеѓу нејзините членови, особено во однос на владеењето на законот, како

[2] Член 9 од Уставот на Република Македонија.

[3] Ц. Мојаноски, Основи на општественото уредување, Педагошки факултет "Гоце Делчев"Штип, "2-ри Август С" Штип, Штип, 2002 година стр. 167.

[4] С.Климовски, Уставно право и политички систем, Просветно дело, АД, Скопје, 2003 година, стр. 237.

[5] Република Македонија ја ратификува Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматската обработка на податоци 26.01.2005 година

и човековите права и слободи; да се овозможи заштита на правата и основните слободи на сите, а особено правото на приватност, земајќи го предвид се поголемиот прилив на лични податоци кои се предмет на автоматска обработка на податоци; да ја потврди својата решеност на слобода на информации без граници признавајќи дека е потребно да се помират основните вредности во однос на приватноста и слободниот проток на информации помеѓу луѓето[6]. За Република Македонија чекор напред во остварување заштита на личните податоци на граѓаните е напревен со потпишување на дополнителниот протокол на Конвенцијата во 2008 година.

Уставната гаранција за сигурноста и тајноста на личните податоци и меѓународните стандарди за автоматска обработка на личните податоци на граѓаните се засновани врз неделивоста на дигнитетот, човековото достоинство и почитување на човековата личност. Преку овие уставни начела се остварува правото на приватност како фундаментално човеково право кое се однесува на секоја индивидуа и на нејзиното право на личен и семеен живот, на достоинство и углед. Исто така, со уставната формулација за заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информациите", се воспоставени темелите на уставната заштита и сигурност на личните податоци на граѓаните, тајноста на личните податоци и личниот интегритет на граѓанинот.

2. Правна природа на податоците од казнените евиденции

Податоците содржани во казнените евиденции имаат карактер на личен податок, и тие согласно Законот за заштита на лични податоци[7] претставуваат информација "која се однесува на идентификувано физичко лица или физичко лице кое може да се идентификува, а лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на единствен матичен број на граѓанинот или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, ментален, економски, културен или социјален идентитет"[8]. Казнените евиденции содржат податоци кои примарно имаат казнено правна и судска природа бидејќи произлегуваат од правосилни

[6] Преамбула на Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматската обработка на податоци

[7] Закон за заштита на личните податоци Службен весник на РМ бр. 07/05 (Член 4: Одредбите од овој закон нема да се применуваат: - врз обработка на лични податоци што се врши од страна на физички лица исклучиво заради лични активности или активности во домот и – врз обработка на лични податоци заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на Република Македонија или водење на кривична постапка).

[8] Член 2 од Закон за заштита на личните податоци "Службен весник на РМ" бр. 07/05

судски одлуки: кривични и прекршочни пресуди. Тие се евиденции за правосилно осудени лица во судска постапка и за кои се донесени судски одлуки за сторено кривично дело или прекршок. Обработка на лични податоци што се однесува на кривични дела, изречени казни и мерки на безбедност за извршени кривични дела можат да вршат надлежните државни органи во согласност со закон.

Податоците од казнената евиденција се разликуваат од оперативните и криминалистички информации на Министерството за внатрешни работи кои се во функција на откривање, расветлување, докажување и превенирање на одредено кривично дело и негов сторител. Според член 69 од Законот за полиција, полицијата води евиденции за: 1.лица на кои по било кој основ им е ограничена слободата на движење (повикани, приведени и задржани лица); 2.лица за кои постојат основи на сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци; 3.сторени кривични дела за кои се гони по службена должност или прекршоци, како и за лица оштетени со тие дела; 4.лица и предмети по кои се трага, како и за лица на кои им е забранет влез во РМ; 5.лица на кои им е извршена проверка на идентитетот; 6.дактилоскопирани, фотографирани лица и лица за кои е направена ДНК анализа; 7.оперативни акции, опертивни извештаи, оперативни обработки, известувања, извори на сознанија и лица под посебна полициска заштита; 8.дневни настани во врска со вршењето на полициските работи; 9.употреба на средства за присилба; 10.поднесени претставки од граѓани против полициски службеник и преземени мерки; 11.сторени кривични дела од непознат сторител; 12.привремено одземени предмети; 13.откриени фалсификувани пари, фалсификувани парични единици – евра и други фалсификувани странски валути. Исто така, полицијата може да води и други евиденции под услови и на начин утврдени со Законот за полиција и со посебен закон. Меѓутоа, покрај полицијата, со своја база на податоци располага и Управата за безбедност и контраразузнавање, како орган во состав на Министерството за внатрешни работи[9]. Обработката на лични податоци во Управата за безбедност и контраразузнавање се врши согласно со целите пропишани со закон и во согласност со прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци[10].

Работникот во Министерството е должен да ја чува тајноста на информациите и податоците за кои дознал во вршењето или по повод

[9] Член 156 од Законот за внатрешни работи: Министерството може да собира лични податоци и други податоци согласно со закон, и тоа:
- од лице на кое тие податоци се однесуваат,
- од веќе постојани збирки на податоци, кои согласно со закон ги водат надлежни државни органи, јавни институции, установи и други правни лица и
- на друг начин утврден со закон.

[10] Член 24 од Законот за внатрешни работи

вршењето на внатрешните работи, а кои согласно со закон или пропис донесен врз основа на закон претставуваат личен податок или се определени со соодветен степен на класисфикација. Обврската за чување на тајноста на податоците на информациите трае и по престанокот на работниот однос во Министерството. Министерството собира, обработува, анализира, користи, оценува, пренесува, чува и брише податоци, обработува лични податоци под услови и на начин утврдени со овој и со посебен закон и води евиденции за личните и други податоци за чие собирање е овластено со закон[11]. Министерството е должно личните податоци кои се вклучени во процесите на обработка веднаш да ги избрише во случаите кога ќе се утврди дека не се точни, или престанале причините, односно условите заради кои личните податоци биле вклучени во тие процеси. Личните податоци се користат, се даваат на користење, се овозможува право на пристап до истите и исправка, се чуваат и се користат на начин и под услови утврдени со овој закон и прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци

Полициските евиденции полицијата ги води одделно, зависно од тоа дали истите се засновани на факти или сознанија. Податоците за бројот на извршени кривични дела или прекршоци и бројот на пријавени сторители и оштетени лица, како и останатите нумерички податоци може да се користат за статистички и аналитички цели во Министерството.

Имено, Министерството за внатрешни работи води збирка на податоци[12], која пак претставува структуирана група лични податоци која е достапна согласно специфични критериуми, без оглед дали е централизирана, децентрализирана или распространета на функционална или географска основа. Станува збор за податоци кои се содржани во криминалистички досиеја и кои се однесуваат на одредени лица, кривично-правни настани или криминални појави, формирани врз основа на аналитички пристап на обработка на податоци. Во овие досиеја се содржани лични податоци, информации и класифицирани информации што се однесуваат на активности што се предмет на криминалистичко-разузнавачки дејствија на започнато или извршено кривично дело, односно кривично дело за кое постојат основи за сомневање дека се подготвува, како и други податоци, информации и класифицирани информации добиени со криминалистичко-разузнавачки дејствија што се од значење за водење постапки со цел за откривање и гонење на сторители на кривични дела.

Со оглед на фактот дека податоците на казнената евиденција имаат пред се карактер на личен податок, од големо значење претставуваат законските гаранции со кои се обезбедува нивна заштита од евентуална злоупотреба и

[11] Член 155 од Законот за внатрешни работи

[12] Закон за национална криминалистичко-разузнавчка база на податоци, "Службен весник на РМ" бр. 120/2009 година.

во прв ред овие гаранции се содржани во Законот за заштита на лични податоци. Во основа на овие гаранции се наоѓа принципот на законитост во нивното користетње, што пак од своја страна претставува еден од фундаментите на владеењето на правото и правната држава. Законитоста во суштина подразбира дека:

- личните податоци можат да се користат согласно целите пропишани со овој закон и во согласност со прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци (член 72);

- бришењето на личните податоци внесени во евиденциите овластените службеници се должни да го спроведат секогаш кога ќе се утврди дека не се точни или престанале причините, односно условите заради кои личниот податок е внесен во евиденцијата (член 73);

- податоците содржани во евиденциите од нивното внесување, се до нивното бришење смеат да се даваат под услови и на начин предвидени со овој и посебен закон (член 74).

- потребата од натамошно чување на податоците содржани во евиденциите се оценува секои три години. Оценката ја врши Комисијата формирана од министерот. Комисијата е составена од пет члена и нивни заменици, од кои четири претставници од Министерството и еден претставник од Дирекцијата за заштита на личните податоци (член 75);

-правото на субјектот на лични податоци на пристап и исправка на неговите лични податоци со кои располата Полицијата, како и обврската за заштита на личните податоци се обезбедуваат под услови и на начин утврдени со посебен закон.По исклучок, правото на пристап до личните податоци нема да се обезбеди ако ограничувањето е неопходно заради вршење на законските надлежности на Полицијата за превенција, откривање и гонење на сторители на кривични дела и прекршоци, остварување на сисстемот на јавна безбедност или кога тоа е неопходно за заштита на субјектот на лични податоци или на правата и слободите на други лица (член 76).

-Дирекцијата за заштита на личните податоци врши надзор над обработката на личните податоци и нивната заштита утврдена со овој и посебен закон (член 77).

3. Нормативна рамка на системот на казнени евиденции во Република Македонија

3.1. Системот на казнени евиденции според Кривичниот законик на Република Македонија

Реформата во правосудниот систем во Република Македонија, детерминирана од националните интереси за евро-атлантска интеграција, во периодот по осамостојувањето продуцираше нов пристап кон водењето на казнената евиденција. Во основа на таа реформа беше граѓанинот, неговото достоинство и углед со тенденција на целосна примена на меѓународните стандарди во оваа област. Поаѓајќи од значењето на релацијата помеѓу правото на приватност и податоците од казнената евиденција, законодавецот императивно нормира дека во Република Македонија, "никој нема право да бара од граѓаните да поднесуваат докази за својата осудуваност или неосудуваност"[13].

Согласно, одредбите на Кривичниот закон на Република Македонија 2004 година, казнената евиденција ја води:

а) првостепениот суд надлежен според местото на раѓање на осудениот и

б) за лицата родени во странство, или за оние чие место на раѓање е непознато како и за правните лица, казнената евиденција ја води судот определен со закон.

Со цел практична имплементација на овој модел на водење на казнената евиденција, во Кривичниот закон, такстативно се наброени случаите во кои може овие податоци да бидат достапни до други органи, институции и граѓани. Имено, податоците од казнената евиденција можат да бидат доставени:

а) до судот и на ЈО во врска со кривичната постапка што се води против порано осудени и на надлежните органи што учествуваат во постапката за давање амнестија и помилување и

б) на образложено барање на државни органи, правни или физички лица, ако уште траат определени правни последици од осудите или казни што се состојат во забрани или ако за тоа постои оправдан интерес заснован врз закон.

в) на граѓаните по нивно барање, за нивната осудуваност или неосудуваност само ако овие податоци им се потребни заради остварување на нивните права во странство.

[13] Член 106 т. 5 од Кривичниот законик на Република Македонија.

3.2. Системот на казнена евиденција според Судскиот деловник

Одредбите од Кривичниот законик кои се однесуваат на системот на казнена евиденција се конкретизирани во судскиот деловник,[14] кој уредува област која директно се однесува на остварувањето на дејноста на судскиот систем во Република Македонија, при што покрај останатото го уредува и прашањето за водењето на казнената евиденција, евиденција за прекршочни санкции утврдени со закон, евиденција за податоци собрани од овластено лице за следење на комуникации и др. Во Глава 2 од овој деловник, која се однесува на Судската управа е пропишано дека во работи од нејзино внатрешно работење влегува и **водење на казнена евиденција и вршење на работи од казнената евиденција**. Попрецизно проблематиката која е интерес на овој труд нормативно е регулирана во Глава 16, која гласи: **Постапување на судовите за водење на казнена евиденција и евиденција на прекршочните санкции**. Казнената евиденција се води за сите лица осудени за кривични дела извршени на територијата на Република Македонија, како и за лицата осудени за кривични дела од странски судови ако пресудите од странските судови се доставени до државните органи на Република Македонија (член 258).

Казнената евиденција содржи: лични податоци за сторителите на кривичните дела; податоци за изречените казни; алтернативни мерки; мерки на безбедност; воспитни мерки и осудите со кои сторителите на кривичните дела за кои се води казнена евиденција се ослободени од казната и за нивните правни последици; дополнителни промени на податоци за осудите што се внесени во казнената евиденција (одлука по вонреден правен лек, амнестијата или помилувањето), како и податоци за извршената казна и за поништување на уписот на незаконитата осуда. Казнената евиденција се води според системот на картотека (за секое лице се води посебен картон). По исклучок, казнената евиденција може да се води според системот на автоматска обработка на податоците на магнетен медиум. За секое осудено лице се води посебен картон, во кој се запишуваат следните податоци: 1. име и презиме, а за мажени и моминското име, прекорот и лажното име ако го има, датумот на раѓање, презиме и име на родителите и моминското презиме на мајката, за правното лице назив и седиште на правното лице; 2.единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ) – даночен и матичен број на правното лице; 3.место во кое родено, а за лице родено во странство и државата; 4.државјанството; 5.степен на образован, занимање;6.живеалиште, односно престојувалиште, со назначување на адресата на живеење во времето на изрекувањето на пресудата;7.назив на судот, а за странски суд назив на државата, број и датум на одлуката на првостепениот суд која станала

[14]Судски деловник 01.06.2007 година.

правосилна, односно на одлуката на повисокиот суд, ако со таа одлука е преправена одлуката на првостепениот суд; 8.законски назив на кривичното дело со назначување на членот, ставот и точката на законот кој е применет; 9.вид на кривичната санкција која се внесува во казнената евиденција со означување на времетраењето на изречената кривична санкција; 10.сите промени во врска со запишаните податоци со назначување на органот што ја донел одлуката и податоци за таа одлука; 11.податоци со кои се располага за осудите што ги изрекле странски судови на државјани на Република Македонија и за странци со привремен или постојан престој во Република Македонија – а за осудените правни лица податоци за осудите што ги изрекле странски судови. Запишувањето на податоците во казнената евиденција се врши врз основа на податоците од правосилните судски одлуки кои се доставуваат до судот надлежен за водење на казнената евиденција (член 260).

До судот надлежен за водење на казнената евиедница, податоците што се запишуваат во казнената евиденција ги доставува:

1. судот што судел во прв степен – податоците за законскиот назив на кривичното дело, со назначување на членот, ставот и точката на законот, кој е применет, за видот и височината на казната, видот на алтернативната мерка, видот на мерката на безбедност од секоја правосилна пресуда и видот на воспитните мерки од секое правосилно решение, како и сите промени во врска со тие податоци;

2. судот до кој надлежниот орган доставил одлука за давање на амнестија односно помилување – податоците од одлуката за давање на амнестија односно помилување;

3. органот што ги примал тие податоци од странски орган – податоците од правосилните судски пресуди што ги изрекле странските судови;

4. органот надлежен за извршување на казната – податоци за секоја извршена казна;

5. надлежниот суд – податоците за запирање на постапката за извршување на казната.

Судот односно надлежниот орган податоците што се запишуваат во казнената евиденција ги доставува до надлежниот суд за водење на казнената евиденција во рок од 15 дена од денот на добивањето на податоците.

Исто така, надлежниот суд за водење на казнената евиденција води роковник со податоци за осудите што се бришат од казнената евиденција по основ на одредбите од Кривичниот законик, при што бришењето на осудата се врши со поништување на целокупната документација во однос на осудите.

Податоците од казнената евиденција можат да се даваат само под условите пропишани со закон, а врз основа на барање поднесено согласно одредбите од Кривичниот законик и судскиот деловник. Доколку граѓанинот бара податоци за осудуваност или неосудуваност заради остварување на права во странство, должен е во барањето да наведе кои права има намера да ги оствари во странство. Во случај кога судот надлежен за водење на казнената евиденција најде дека во барањето не се наведени причините за добивање на податоци или дека барањето не ги содржи потребните податоци за да може да постапи по него, ќе го повика подносителот на барањето да го дополни барањето во определениот рок. Ако подносителот на барањето не го дополни барањето во определениот рок, по него нема да се постапува.

После спроведената постапка за издавање податоци од казнената евиденција, надлежниот суд издава Уверение за неосудуваност/осудуваност.

4. Системот на казнени евиденции – актуелни состојби и перспективи

Во Република Македонија, системот на казнени евиденции е начелно е регулиран со Уставот на Република Македонија, а понатаму негова конкретизација е остварена со одредбите на Кривичниот законик и во основа се однесува на практично водење, обработка и бришење на податоците од казнените евиденции. Со ратификацијата на Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматската обработка на податоци нашата држава ја потврди својата определеност за доследно почитување на меѓународните стандарди во однос на обработката на личните податоци.

Актуелниот модел на системот на казнени евиденции и нивна обработка, бришење и користење претставува мешовит систем, бидејќи и покрај новите законски решенија сеуште, освен судовите (кои врз основа на сопствената евиденција од судските роковници во кои ги евидентираат податоците од казнената евиденција, издаваат уверенија за неосудуваност/осудуваност), и Министерството за внатрешни работи врз основа на податоците со кои располагаат во сопствените казнени евиденции издава уверенија за податоци од казнената евиденција[15].

Овој актуелен модел на системот на казнени евиденции не е компатибилен со законскиот модел нормиран во Кривичниот законик, кој предвидуваше

[15] Во однос на практиката на МВР, може да се констатира дека таа е застарена и во однос на формуларите кои се користат за добивање уверение за податоци од казнената евиденција. Имено, во формуларот на МВР стои забелешката дека: "Уверението се издава само на БАРАЊЕ", а веднаш после тоа следи текстот: "Молам да ми се издаде УВЕРЕНИЕ ЗА НЕОСУДУВАНОСТ – ОСУДУВАНОСТ". Значи, не се прави разлика помеѓу барање и молба, туку на едно место граѓанинот се јавува во улога на подносител на барање, во кое во исто време и моли да добие податоци.

пренесување на податоците од казнената евиденција од МВР во судовите во рок од една година од денот на влегување во сила на Кривичниот законик. По истекот на овој рок Министерството за правда беше задолжено да изврши увид во евиденцијата на МВР заради утврдување дали се отстранети податоците за осудени лица и за тоа ќе ја извести Владата на Република Македонија. Меѓутоа, практичната имплементација на овој систем е доведена во прашање од страна на извршната власт, со класично непочитување на наведените законски норми. На ваквата ситуација укажува и Хелсиншкиот комитет во Извештајот за состојбата со човековите права во Република Македонија од ноември 2007 година: "Решението е донесено со цел да се избегне злоупотребата на податоците на штета на граѓаните. За жал, цели 11 месеци оваа императивна законска норма не е испочитувана, и тоа од органите задолжени за спроведување и почитување на законите, па затоа сеуште казнената евиденција за осудените лица ја води Министерството за внатрешни работи".

Министерството за внатрешни работи секојдевно постапува по барањата на граѓаните за неосудуваност – осудуваност, и врз основа на член 106 т.6 од Кривичниот законик на Република Македонија[16] и член 171 од Законот за општа управна постапка[17], издава Уверение за податоци од казнената евиденција (при што наплаќа такса согласно Законот за административни такси во Република Македонија). Меѓутоа, одредбата од член 106 од КЗ, во т. 1 јасно и концизно предвидува дека казнената евиденција ја води првостепениот суд, а не МВР. Оттука е мошне индикативно, како е можно МВР да се поистоветува со судската власт, која е независна во системот на парламентарна демократија. Дотолку повеќе што на надлежните во МВР од највисок ранг исто така им е познато дека кога го донесуваа Законот за полиција, ги утврдија евиденциите за чие водење е надлежно МВР.

Ваквата фактичка состојба наспроти утврдениот систем на казнени евиденции во Кривичниот законик на Република Македонија нужно го имплицира заклучокот дека актуелниот модел на системот на казнена евиденција во суштина претставува судир помеѓу нормативното и фактичкото , т.е. практична неимплементација на законските решенија. Според досегашната практика, но спротивно на одредбите од Кривичниот законик, Министерството за внатрешни работи издава уверенија во кои внесува факти кои се однесуваат на одредени

[16] Член 106 т. 5: На граѓаните по нивно барање, може да им се дадат податоци за нивната осудуваност или неосудуваност само ако овие податоци им се потребни за остварување на нивните права во странство.

[17] Член 171: Ако исправата што треба да се упореби како доказ во постапката се наоѓа кај орган или правно и друго лице кое има јавно овластување за решавање во управни работи, а странката што се повикала на таа исправа не успеала да ја прибави, органот што ја води постапката ќе ја прибави оваа исправа по службена должност.

лица, а во врска со тоа дали за тоа лице постојат казнени податоци во казнената евиденција која ја води министерството.

Се поставува прашањето врз која правна основа и овластување министерството располага со податоците од казнената евиденција и врши нивна обработка, бришење и нивно користење? Дали основот министерството го пронаоѓа во законската формулација[18] дека МВР може да води и други евиденции доколку е овластена со закон? Дали оваа законска формулација значи и дискрециона ситуација со која МВР ја води казнената евиденција за граѓаните на Република Македонија? Се разбира дека одговорот е негативен, бидејќи никаде во кривичниот законик прецизно е наведено кој е надлежен да води казнени евиденции. Согласно одредбите од Кривичниот законик и судскиот деловник, единствено надлежен за водење на казнена евиденција се судовите во Република Македонија.

Посебен проблем кој произлегува од ваквата практика, претставува бришењето на податоците од казнената евиденција под услови определени со закон. Имено, наместо бришењето на податоците од казнената евиденција да се врши по службена должност, граѓаните се принудени сами да ги доставуваат пресудите до МВР, а во одредени случаи и покрај тоа што нема никаков законски основ, МВР во уверенијата на граѓаните им внесува податоци за осудуваност и за парични казни кои датираат уште од 1970 година[19]. Сето ова само го потврдува фактот дека МВР мора што е можно побргу да престане да распсолага со податоците од досегашните казнени евиденции, бидејќи од една страна тоа е незаконита дејност, а од друга страна како сегмент од извршната власт му овозможува да ги користи за политички цели. Бидејќи во криминалистиката да се сомневаш значи дека постоиш, сметам дека со ваквиот практичен модел на водење на казнените овиденции од страна на МВР секогаш постои и можноста од злоупотреба во нивното користење.

Оттука се поставува прашањето: дали со ваквата практика на водење на казнена евиденција во нашата држава се доведува во прашање темелната уставна вредност на владеење на правото? Се разбира дека повредата на практичната примена на начелото на уставност и законитост, рушењето на на правниот поредок претставуваат вовед во состојба на самоволие и повреда на уставното начело на владеење на правото. Моменталната, актуелна состојба карактеристична за системот за казнени евиденции во Република Македонија го

[18] Член 69 од Законот за полиција

[19] МВР-СВР – Скопје, Одделение за управни работи, на ден 06.02.2009 година, издало уверение бр. 2423.4-124 за лицето Б.Р., во кое стои дека за него во казнената евиденција постојат податоци дека е осудуван од: Општинскиот суд во Рожај со пресуда К-75/71 од 04.08.1971 година, со парична казна од 200,оо динари од член 271/3 од КЗ и од Општинскиот суд со пресуда К-176/76 од 13.03.1978 година, со парична казна од 2.000 динари од член 271/3 од КЗ.

повредува уставното начело на владеењето на правото, како и ратификуваните меѓународни документи (Универзалната декларација за човековите права, Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права, Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи). Повредата на начелото на владеење на правото претставува сериозна закана за гаранцијата на основните човекови слободи и права и за развојот на демократијата во една држава.

Имено, ако под начелото на владеење на правото се подразбира подведување на сите органи на власта и поединците под уставот и законот, тогаш отсуството на законит надзор над актуелниот систем на казнени евиденции од страна на Дирекцијата за заштита на личните податоци[20], (која законски е овластена да остварува надзор над), претставува исто така повреда на уставното начело на владеење на правото.

Conclusion

In order to achieve its hights national interest – accession to the euro-atlantic family, the Republic of Macedonia needs to fully apply the principle of legality in the maintenance, delition and processing of criminal and penal records. Achieving this, Macedonia will truly convince the domestic and international community that ehe laws it passes are well-implemented and for the benefit of its citizens, that it will turn its commitments into reality.

Only in tihis way can the Repubic of Macedonia demonstrate the democratic capacity of its institutions and organs, which are practical enforcers of the law.

Литература

1. Ц. Мојаноски, Основи на општественото уредување, Педагошки факултет "Гоце Делчев"Штип, "2-ри Август С" Штип, Штип, 2002 година.
2. С.Климовски, Уставно право и политички систем, Просветно дело, АД, Скопје, 2003 година
3. Конвенција за заштита на лица во однос на автоматската обработка на податоци 26.01.2005 година
4. Закон за заштита на личните податоци Службен весник на РМ бр. 07/05.

[20] Член 160 од Законот за внатрешни работи: Дирекцијата за заштита на личните податоци врши надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци и нивната заштита утврдена со овој и со посебен закон.

5. Законот за внатрешни работи
6. Закон за национална криминалистичко-разузнавчка база на податоци, "Службен весник на РМ" бр. 120/2009 година.
7. Кривичниот законик на Република Македонија.
8. Судски деловник 01.06.2007 година.
9. Универзалната декларација за човековите права на ООН, 1948 година.
10. Устав на Република Македонија.

327.88(4-672ЕУ)

Асс. м-р **Зоран ФИЛИПОВСКИ**[1]

УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО СПРАВУВАЊЕТО СО ТЕРОРИЗМОТ

Апстракт

Во текстот се наведени поимните определувања на тероризмот, неговите рефлексии врз општествените придобивки, облиците кои се користат за остварување на основната функција на овој облик на организиран криминал, со интенција да се предиика континуиран страв а со тоа и реализација на поставените цели. Во оваа насока мора да се апострофира фактот дека идеолошката матрица на ова општествено зло и покрај конзистентноста во целите гледано од една историска дистанца нема предизвикано суштински политички промени.

Опфатеноста на тероризмот и корелативната поврзаност со организираниот криминал е аподиктична како последица на неможната негова молнолитност, особено по технолошките иновации кои терористичките организации ги користат за нивните недозволени активности набавени од приноси добиени од организиран криминал. Во натамошното елаборирање се појаснуваат разликите во методологијата на работа, целите и аспирациите кои се суштествени во правањето дистинкција меѓу терориастичките и криминалните оргаганизации, како и причините за менувањето на обликот на дејствување на овие организации.

Конвергенцијата кон изнаоѓање на нови методи што ќе доведат до посилен и по сеопфатен одговор во справувањето со овој криминал како резултат на реалната закана и за земјите членки на Европската унија, искуствата за факторите кои придонесуваат за радиклизација и реѓрутацијата на тероисти, како и изнаоѓањето модалитети за борба против криминалното дјствување на Al-Qa'ida, е експликација со која се заокружува целината на овој труд а во која како супстанцијалност се наведува и исламистичкиот, како понов облик ,од веке постоечките „традиционални“ форми на теророристичкиот.

[1] Асистент на Факултетот за детективи и криминалистика

Вовед

Тероризмот е закана за поединци и за сите држави во целина, а преставува и закана за земјите членки на Европската унија.

Во меѓународните односи кога се говори за надворешно – политичките влијанија и односи се апострофираат постапките кои се поврзани со одредени форми на принуда. Како прв облик на ваквите дејствија е застрашувањето кое е фундирано на закана со употреба на инструментариум преку кој може, со користење на софистицирана воена опрема, да се предизвика огромна материјална штета. Апликативноста на ваквата методологија на дејствување треба да ја остари целта без реализација на заканата, иако со неа, оној што ја упатува, може да постигне големо влијание, ако се има предвид естанацијата на нуклеарното и биолошко оружје, со единствена интенција да се предизвика континуиран страв како најбитна компонента на застрашувањето. Поединечните акти на насилство го претставуваат вториот облик од формата на принуда, при што стратифицирањето на делата во насока на извршување напади на лица[2], материјални[3] или воени[4] објекти е единствен критериум за нивна поделба на дела на тероризам, саботажа и диверзија[5].

Самиот поим на тероризмот, ако се има предвид генезата, потекнува од латинскиот јазик што значи терор, страв од тероризам, а во модерната политичка терминологија влегува преку француската револуција, особено преку постапките на јакобинците кои сметале дека резултатите од револуцијата можат да се сочуваат ако на противниците им се влее страв преку драконски казни како гилотиња и немилосрдни протерувања на сите оние кои и малку се сомневале во идеите на предводниците на револуцијата[6].

Имајќи го предвид ваквиот развој на обележјата на теророт, можат да се утврдат неколку константи на електицизмот на привржаниците на решавањето на проблемите по насилен пат во рамки на сегашниот развој на процесите на индустријализацијата што се рефлектираат на квалитетот на живеењето на современиот светски поредок. Имено теророт секогаш е орудие на мала група луѓе кои сметаат дека е загрозен некој општ интерес и во тој сопствен страв од промените што можат негативно да влијаат и да го загрозат, единственото средство со кое можат да го заштитат тој интерес е

[2] Личности на високи политички и државнички функции, генерали на армија,и високи световни лица

[3] Стопански, трговски и културни центри

[4] Касарни, војни полигони, фабрики за производство на оружје, лансирни рампи и радарски системи

[5] Види повеќе Prof. D-r Nijaz Durakovic: Savremeni terorizam (od anarhizma do terorizma), Securitas, journal of security theory and praxeology, Sarajevo, 2002 година, стр.16

[6] Повеќе Prof. D-r Nijaz Durakovic: Savremeni terorizam (od anarhizma do terorizma), Securitas, journal of security theory and praxeology, Sarajevo, 2002 година

демонстрацијата на сила против вистинскиот или имагинарниот непријател. Од друга страна пак релевантен е фактот што самиот акт на тероризам не прави разлика помеѓу вистинските виновници и невините жртви.

Тероризмот, и покрај константите што ги поседува, секаде не е ист, ниту пак за него може да се зборува како нешто конзистентно во методите на операционализацијата. Единствено може да се зборува за современите методи и оружје, наместо за современ тероризам, кои го користат терористичките организации во современата мундијална пропаганда што во постоечките глобализациски тековиза земa видно место во електронскиот медиски бизнис[7].

Ако се има предвид историскиот развој на идеолошките матрици за тероризмот може да се заклучи дека тој како стратегија тешко дека може да предизвика суштински политички промени. Во оваа насока може да се каже дека освен деминенцијата како причина за непосредните последици од депривацијата на суштинското – животот, не доведува до нешто револуционерно што би го детерминирало како политички успешен.

1. Врските меѓу тероризмот и организираниот криминал

Основните дефиниции за организираниот криминал се сеуште актуелни, односно немаат претрпено суштински промени. Европската унија со поимното оперделување со овој проблем, посериозно почнува да се занимава во почетокот на 90 –те години.

Во дефинирањето на овој криминален феномен се поаѓало од основните премиси што ги опфаќа: криминалните активности, дела и организации, при што за да одредена криминална активност биде подведена како организиран криминал било потребно криминалната група континуирано да извршува кривични дела во подолг временски период.

Корелацијата меѓу организираниот криминал и тероризмот е се поекстензивна и се артикулира низ активностите што ги користат криминалните и терористичките организации преку средствата за масовна комуникација. Ваквата методологија на работа преку користењето на технологијата што ја поседуваат овие средства како алатка за нивните недозволени активности и приносите од таквите криминални активности, само укажуваат на неморалната суштина на секој тероризам што нема никаква поврзаност со идеалите на припадниците за кои се борат.

Не секогаш терористичките активности се поврзани со остварување на одредени цели, што се однесуваат на заштитата на одредени човекови права и слободи, туку се параван за криминални активности потпомогнати од

[7] Исто

мултинационални корпорации со единствена интенција за контрола на природните ресурси.

Дистинкцијата меѓу терористичките здруженија и криминалните организации е најизразена во однос на политичките аспирции, така што првите од секогаш имале афирмативен став кон политичките амбиции, за разлика пак од нив, вторите протежирале состојба на дистанцирање од актуелните политички процеси, задоволувајќи ги своите аспирации со корумпирање на одредени политички елити заради реализација на своите криминални цели.

Растот на политичките амбиции на организираниот криминал доаѓа до израз со воспоставувањето на неговата транснационалност. Имено поврзаноста на криминалните групи со терористичките организаци најчесто е фундирана на размена на приносите од криминалните дејствија. Во оваа насока мора да се напомене дека меѓузависноста на овие две организациони облика е од значење, од причина што терористичките организации располагаат со огнена моќ што ја користат најчесто за контрола на одреден дел од територијата на една земја, додека криминалните се еден вид логистика пред се заради фактот што ги контролираат потребите на терористичките организации како што се финансиските и транспортните средства, и мрежите за внатрешен и прекуграничен илегален транзит на луѓе, оружје и психотропни супстанци.

Поврзаноста на организираниот криминал со тероризмот, ако се има предвид нивната генеза како криминални појави, е од понов датум и за разлика од државите, кога склучуваат договори за соработка кои често се обременети со одредени правни норми, овие криминални структури склучуваат сојузи на еден флексибилен, ефикасен и брз начин.

Не се ретки случаите на менување на обликот на дејствување на терористицките организации, пред се заради промената на глобалните цели, и во таа насока нивно мутиранје во криминални организации.

Поврзаноста на меѓународните криминални организации на балканот се идентични со оние во светот, но во однос на методологијата на работа имаат специфични појавни облици кои се карактеристични за овој регион. Етаблирањето на организации за прифаќање на странските донации особено од муслиманските земји и нивното насоцување до одредени терористицки организации; военото профитерство за време на воените дејствија сто се водеа на територијата на поранесната југословенска федерација особено по нејзината дисолуција; нелегалната трговија со оружје**,** која во многу помогна во вооружувањето на паравоените формации; наркотицки средства; луге и криумцаренјето на мигранти се потврда за тоа.

2. Активностите на Европската унија во спречувањето на тероризмот

Заради зачувување на заедничките вредности, основните интереси, независноста и целовитоста на Унијата; јакнење на безбедноста на Унијата во сите нејзини форми; зачувување на мирот и зајакнување на меѓународната безбедност; постепено утврдување на заедничката одбранбена политика која се однесува на хуманитарните задачи и акциите за спасување; задачите за зачувување на мирот; како и улогата во борбите за време на решавањето на кризите, вклучително и мерките за воспоставување мир; општата обврска за давање помош во случај на вооружен напад во Европа; се цели кои се востановени од Европската унија во рамки на нејзината надворесна и безбедносна политика[8].

Европската унија се развива како единствена институција во светот која има цел спектар на мозности за водење на цивилни и воени интервенции во слуцај на кризни состојби и во таа насока со континуираниот развој на нејзиата политицка оперативност е споспбна подобро да ја проектира надворешната стабилност и меѓународната безбедност.

Одговорот на ЕУ во спрецувањето на тероризмот е одреден во 12 конвенции за борбата против тероризмот од 1996 година како акциониот програм на Г8. Од не помало влијание е и декларацијата на министрите за правда и внатресни работи на земјите цленки на ЕУ, донесена во Ла Гамере, со која укажале на негативните импликации на демократските процеси, уживањето на човековите права и економсккиот и социјален развој.

Покрај фактот што овој облик на терор е закана за сите држави и за сите народи, воедно претставува и сериозна закана за безбедноста на Европската унија и за животот на нејзините граѓани. Се повеќе Унијата станува решена да се справи со овој проблем[9], преку детерминирање на маргините во кој би се анализирале новите методи што би довеле кон се посеопфатни одговори за поефикасна борба против овој облик на криминал. Во документите што се носат во телата на Европската унија се преферира методологија со која се намалува заканата со попречување на постојните терористички мрежи и попречување на активности за регрутирање на нови членови во терористичките организации.

Заради реализирањето на новата методогија на делување на Европскиот совет од 17 Декември 2004 година е денесена Стратегијата и акциониот план за решавање на радикализација и управување со тероризам. која е фундирана на

[8] Френк Грегори; Погледи, одбрани текстови из стране криминалистичко безбедносне литтературе, Полииска Академија, Београд, 2003

[9] The European Union Strategy for Combating Radicalisation and Recruitment to Terrorism, Council of The European Union

значителни искуства во процесот на работа, потоа на Декларацијата на Советот на Европа за борба против тероризмот, и врз Комуникацијата на Комисијата за управување со тероромот преку адресирање на факторите кои придонесуваат за насилство и радикализација.

Самите фактори кои придонесуваат за радикализацијата и регрутирањето за изведување на акти на тероризам не се ограничени само на еден систем на верување или политичко убедување, па во таа насока Европа има искуство во манифесирњето на силен одговор против различните видови на тероризмот во неговата историја. Сепак главна терористичка закана за Унијата стана тероризмот, извршен од страна на Ал-Qa'ida и екстремисти инспирирани од оваа терористичка организација.

Како супстстанцијален факт во борбата против овој облик на криминално дејствување на Al-Qa'ida, Европската унија го користи ангажманот на јавноста а особено на муслиманската заедница во земјите - членки и пошироко, имајќи при тоа предвид дека владите самостојо неможат да имаат било какви позитивни резултати.

Исто така со цел да се спротивстави на терористичката радикализација и регрутирањето на поединци во терористичките организации, Европската унија во своите документи наведе решенија и во насока на нивна операционализација спроведува низа мерки а со единствена интенција за :

- се поголема ефикасност во спречувањето на регрутација на поединци во мрежи на терористички организации;
- изработка на пристап и поставување на парадигми што ќе овозможат секојдневните однесувања и мислења на луѓето во животните ситуации да преовладуваат над оние на екстремизмот; и
- промовирање на поенергични мерки со кои ќе се зајакне безбедноста, правдата, демократијата и еднакви перспективи за сите.

Во рамки на заувувањето на корпусот на основните слободи и права на луѓето Унијата во Стратешкиот документ за борба против тероризмот, ја потврдува својата политичка волја преку давањето гаранции за почитувањето на основните слободи и права како и решеноста за поекстензивен развој на свесната компонента за разбирање на проблемот. Практичните чекори што се прават во оваа смисла од земјите членки се пред се вклучувањето на академските експерти и муслиманските заедници во Европа и пошироко заради решавање на овој проблем што засега голем број влади, кои не се дел од европското семејство.

Како последица на глобализацијата, олеснување на патувањето и комуникацијата и лесен трансфер на пари се поголема е веројатноста дека ќе

дојде до зголемување на бројот на лица кои можат да бидат вклучени во терористичките организации, а со тоа и да имаат полесен пристап до лица со радикални идеи и обука. Заради ваквиот развој на настаните Унијата преку интердисциплинарен пристап во преземањето на мерки и дејствија се обидува да даде силен одговор на вквите криминални чекори со:

- ефикасен мониторинг преку електронска контрола и патување во конфликтните зони,
- размена на национални проценки и анализи меѓу земјите што се справуваат со тероризмот
- поголема контрола на казнено поправните институции, места за верзка обука на лицата кои што имаат поголема улога во радикализација преку пренесување на таквите идеи.

Конвергенцијата на Унијата како во сопствените граници така и надвор од неа е најизразена во елиминирањето на факторите за поддршка на радикалните структури, при што како одговор на тоа, во рамките на Унијата, евидентни се преференциите на депривација на нееднаквостите и дискриминацијата, како и промоција на меѓу-културниот дијалог, дебатирањето, и во континуитет работа на интеграцијата. Надвор од Европа, Унијата инсистира на промовирање на доброто владеење, човековите права, демократија, како и на образование и економска благосостојба, преку политички дијалог и програми за помош[10].

На оперативен план Европската унија во 2001 година отпочнува со востановување на антитерористички мерки што како активност се одвивала пред 11 септември кога се извршени терористичките напади во Соединетите Американски Држави[11]. Тие вклучуваат ширење на мрежата на офицери за врска за борба против тероризмот од полициските работни групи на ЕУ. Во оваа насока треба да се апострофира интенцијата на здружената акција на земјите членки на Унијата кои решаваат прашања од областа на правдата и внатрешните работи за воспоставување на посебно тело – Директорат за специјализирани надлезности во борбата против тероризмот.

Сепак како најзначајна мерка, донесена во 1999 година, е вклуцувањето на Европол преку давањето на одредени надлезности во борбата против тероризмот. Тезината и позитивноста на оваа мерка се потврдува со првиот известај изготвен од оваа европска полициска организација за резултатите и активностите преземени за бората против тероризмот. Во активностите кои се

[10] Повеќе: The European Union Strategy for Combating Radicalisation and Recruitment to Terrorism, Council Of The European Union

[11] D Dubois: "The Attacks of 11 September: EU-US Co-operation Against Terrorism in the Field ofJustice and Home Affairs "European Foreign Affairs Review,Vol. 7, 2002, pp 317-335.

прrземени од оваа организација особено нејзината единица за борба против сериозниот – тезок криминал како највазни се издвојуваат:

- поттикнување на размена на информации мегу државите членки за мерките кои се преземени во борбата против тероризмот;
- креирање на одредени бази на податоци за анализа на активностите техниката и методологијата на работа на терористичките организации во спрецувањето на ова зло на современиот свет;
- креирање на центри како оперативни единици за борба против тероризмот;
- преземање на дел од администрацијата на комисиите на ЕУ кои се надлежни за безбедносната политика

Ангазманот на Европол во врска со идентификувањето на опасностите постана релевантен во текот на 2000 година, кога се отворени аналитицки центри за борба против исламскиот тероризам, при што Советот на подрачјето на Правдата и внатрешните работи му дава на значај по терористицкките напади на кулите близнацки во САД[12].

Корелаивноста мегу Европската унија и Соединетите Американски Дрзави е се поизразена по овој настан и во таа насока се интензивира и соработката на Европол со Федералното биро за истраги на Министерството за правда, како и со другите агенции кои што се занимаваат со безбедносните прашања, а со цел сузбивање на терориизмот.

Доколку се направи анализа на активностите кои се реализирани во изминатиот период резултатите се видливи, особено ако се анализира скрининг-гот на мерки кои треба да се усогласат во законодавствата на земјите кандидати за членство, но сепак и покрај високиот степен на реализација, нема сеусте брзи ресенија за ово проблем.

Имплементирањето на овие мерки донесени на наднационално ниво не е сеуште пропратено со одговарачки мерки на национално ниво од повеќе фактори меѓу кои најчести се потребата од канализирање на различните интереси на земјите членки со оглед на големиот број на човечки ресурси, немането доволно финансиски средства како и формирањето предуслови на институционален план на национално ниво.

[12] www.cbs-css.org

Литература

1. Prof. D-r Nijaz Durakovic: Savremeni terorizam (od anarhizma do terorizma), Securitas, journal of security theory and praxeology, Sarajevo, 2002 година, стр.16
2. The European Union Strategy for Combating Radicalisation and Recruitment to Terrorism, Council Of The European Union
3. Френк Грегори; Погледи, одбрани текстови из стране криминалистичко безбедносне литтературе, Полиииска Академија, Београд, 2003
4. M Den Boer and J Monar: "Keynote Article: 11 September and the Challenge of Global Terroris: to the EU as a Security Actor" *Journal of Common Market Studies,* Vol. 40, 2002, pp 11-28.
5. D Dubois: "The Attacks of 11 September: EU-US Co-operation Against Terrorism in the Field ofJustice and Home Affairs "European *Foreign Affairs Review,Vol.* 7, 2002, pp 317-335.
6. T Schalken and M Pronk: "On Joint Investigation Teams, Europol and Supervision of Their Joint *Actions", European Journal of Crime, Criminal Law and Criminal Justice,* Vol. 10(1), 2002, pp 70-82.
7. EU 'Terrorism Trends Report': Council document 5759/02, January 2002.
8. First Europ Counterterrorism Report to the JHA Ministerial Council: Council document 7514/1 99, 3 May 1999.
9. Europol *Annual Report 2001:* Council document 8381/02,16 April 2002.
10. Presidency Note *Action by the European Union Following the Attacks in the United States - Update of the 'Road Map':* Council document 14925/01, 7 December 2001.
11. 'Initiative of the Kingdom of Spain with a view to adopting a Council Decision on the implementation of specific measures for police and judical co-operation to combat terrorism Council Document 7756/02, 29 April 2002.
12. Communication from the Commission' Ad Hoc group on civil aviation security': Commissio:document, 21 December 2001.
13. Communication from the Commission to the Council 'Civil Protection': Commission document COM [2002] 302 final, 11 June 2002.
14. www.cbs-css.org



ФАКУЛТЕТ ЗА
ИНФОРМАТИКА

512.548.2

Ass. **Vesna CELAKOSKA-JORDANOVA,** PhD[1]
Prof. **Biljana JANEVA,** PhD[2]

FREE LEFT COMMUTATIVE GROUPOIDS

Abstract

A construction of free objects in the variety of left commutative groupoids, i.e. variety of groupoids defined by the identity $(xy)z \approx (yx)z$ as a factor-structure is given. Similar constructions of free right commutative groupoids, i.e. groupoids satisfying the identity $x(yz) \approx x(zy)$ and of free bi-commutative groupoids, i.e. groupoids satisfying the identities $(xy)z \approx (yx)z$ and $x(yz) \approx x(zy)$ as factor-structures are given, too.

AMS Mathematics Subject Classification 2000: 03C05, 08B20

Key words: *groupoid, free groupoid, term groupoid, left/right commutative groupoids*

In this paper we will investigate some varieties of groupoids (algebras with one binary operation) defined by *linear identities*, i.e. by identities such that every variable that occurs either on the left or on the right side of the identity occurs exactly twice, once on each side.

A groupoid $\boldsymbol{G} = (G, \cdot)$ is said to be *left commutative groupoid* if and only if $(ab)c = (ba)c$, for any $a, b, c \in G$. The class of left commutative groupoids is a variety defined by the identity $(xy)z \approx (yx)z$ and will be denoted by $\mathcal{L}_c$.

A groupoid $\boldsymbol{G} = (G, \cdot)$ is said to be *right commutative groupoid* if and only if $a(bc) = a(cb)$, for any $a, b, c \in G$. The class of left commutative groupoids is a variety defined by the identity $x(yz) \approx x(zy)$ and will be denoted by $\mathcal{R}_c$.

A groupoid $\boldsymbol{G} = (G, \cdot)$ is said to be *bi-commutative groupoid* if and only if $(ab)c = (ba)c$ and $a(bc) = a(cb)$, for any $a, b, c \in G$. The class of bi-commutative

[1] Assistant at the Faculty of Natural Sciences and Mathematics, St Cyril and Methodius University
[2] Full time professor at the Faculty of Informatics, European University-Republic of Macedonia

groupoids is a variety defined by the identities $(xy)z \approx (yx)z$ and $x(yz) \approx x(zy)$ and will be denoted by $\mathcal{B}_c$.

It is clear that every commutative groupoid is also left and right commutative. We will state some examples of left and/or right commutative groupoids that are not commutative. For example, every right zero groupoid is left commutative, but not right commutative, and every left zero groupoid is right commutative, but not left commutative.

The following example gives a possibility for construction of a left commutative groupoid of any finite order $n \geq 3$.

Example 1.1. The following scheme defines a groupoid over the set $G = \{a_1, a_2, \ldots, a_n\}$, $n \geq 3$, that is left commutative, but not commutative ($a_1a_2 \neq a_2a_1$), it is not right commutative ($a_1(a_2a_3) \neq a_1(a_3a_2)$) and it is not a semigroup ($(a_na_n)a_2 = a_2 \neq a_1 = a_n(a_na_2)$).

$\cdot$	a_1	a_2	$\ldots$	a_{n-1}	a_n
a_1	a_1	a_2	$\ldots$	a_{n-1}	a_n
a_2	a_1	a_2	$\ldots$	a_{n-1}	a_n
$\vdots$	$\vdots$	$\vdots$		$\vdots$	$\vdots$
a_{n-1}	a_1	a_2	$\ldots$	a_{n-1}	a_n
a_n	a_n	a_n	$\ldots$	a_n	a_1

The groupoid $\boldsymbol{G} = (G, \cdot)$ is constructed such that the subset $H = \{a_1, \ldots, a_{n-1}\}$ is a right zero subgroupoid of $\boldsymbol{G}$. The *dual* groupoid of $\boldsymbol{G}$, $\boldsymbol{G'} = (G, \circ)$, where the operation $\circ$ is defined by $x \circ y = yx$, for any $x, y \in G$ is right commutative. ||

Other examples of left and/or right commutative groupoids can be obtained in the following way ([1]).

Let f, g be two surjective endomorphisms on an abelian group $(G, +)$, such that $fg = f^2$. Define a new operation $\cdot$ on G by:

$$(\forall a, b \in G)\ a \cdot b = f(a) + g(b) \tag{1.1}$$

The obtained groupoid $(G,\cdot)$ is left commutative. Namely, for any $a,b,c\in G$:

$$(a\cdot b)\cdot c = f(f(a)+g(b))+g(c) = (f^2(a)+fg(b))+g(c) =$$
$$(fg(a)+f^2(b))+g(c) = f(f(b)+g(a))+g(c) = (b\cdot a)\cdot c.$$

The groupoid $(G,\cdot)$ is not commutative if $f\neq g$. Right commutative groupoid can be obtained similarly as the left commutative groupoid (f,g has to satisfy $gf=g^2$) and also bi-commutative groupoid (f,g has to satisfy both $fg=f^2$ and $gf=g^2$). In the light of this facts, we will state a concrete example.

Example 1.2. Let $(G,+)$ be a free commutative group over the infinite set $\{x_1,x_2,\ldots,x_n,\ldots\}$ and let f,g be defined by: $f(x_1)=f(x_3)=g(x_1)=x_2$, $f(x_2)=f(x_4)=g(x_2)=x_1$, $g(x_3)=x_4$, $g(x_4)=x_3$ and $f(x_i)=g(x_i)=x_{i-2}$, for $i\geq 5$. The groupoid $(G,\cdot)$, where the operation $\cdot$ is defined by (1.1), is left commutative groupoid that is not commutative, it is not right commutative and it is not a semigroup. Similarly, if f,g are defined by $f(x_1)=g(x_1)=g(x_2)=x_1$, $f(x_2)=f(x_3)=f(x_4)=g(x_3)=g(x_4)=x_2$ and $f(x_i)=g(x_i)=x_{i-2}$, for $i\geq 5$, we obtain a bi-commutative groupoid $(G,\cdot)$ that is not commutative and it is not a semigroup. ||

In the sequel X will be an arbitrary nonempty set whose elements are called variables. By T we will denote the set of all groupoid terms over X in the signature $\cdot$. The terms are denoted by $t,u,v,\ldots,x,y,\ldots$ $\mathbf{T}_X=(T,\cdot)$ is the *term groupoid* over X, where the operation is defined by $(u,v)\mapsto uv$. For any term t we define the *length* $|t|$ of t and the *content* $\mathrm{S}(t)$ of t by:

$$|x|=1,\quad |uv|=|u|+|v| \text{ and } \mathrm{S}(x)=\{x\},\quad \mathrm{S}(uv)=\mathrm{S}(u)\cup\mathrm{S}(v)$$

for any $x\in X$ and any $u,v\in T$.

The purpose of the paper is a construction of free objects as factor-structures in the variety of left commutative groupoids and also in the varieties of right commutative and bi-commutative groupoids. The main results are Theorem 2.1, Proposition 2.2 and the analogous results for the right commutative and bi-commutative groupoids, placed in Section 2.

2. CONSTRUCTION OF A FREE LEFT COMMUTATIVE GROUPOID

Let V be a variety of groupoids and $\boldsymbol{G} \in \mathrm{V}$. Let $\lambda : X \to G$ be a mapping and $\varphi : T \to G$ the homomorphism from $\mathbf{T}_X$ into $\boldsymbol{G}$ that extends λ. Then $\ker\varphi$ is a congruence on T and $T/\ker\varphi$ is a factor-structure on T. In general, if α is any congruence on $\mathbf{T}_X$, then $\mathbf{T}_X/\alpha$ is a factor-groupoid. Here we give the construction of free left commutative groupoid as a factor-structure on $\mathbf{T}_X$. For that purpose we define an elementary left commutative transformation of a term t in the following way.

Definition 2.1. Let t be a term and $(xy)z$ a subterm of t. If one occurrence of $(xy)z$ is replaced by $(yx)z$, then a term u is obtained that is different from t only in the replaced part $(xy)z$ with $(yx)z$. In that case we say that an *elementary left commutative transformation* is performed on t and write $t \to u$.

In the cases when t does not contain a subterm of the form $(xy)z$, i.e. $t \in X$ or $t = a_1(a_2(\ldots(a_{n-1}a_n)\ldots))$, $a_1, a_2, \ldots, a_n \in X$, we put by definition $t \to t$.

Hence, $t = \ldots((xy)z)\ldots \to \ldots((yx)z)\ldots = u$, where the same order of the parentheses in t is preserved in u.

We can "go back" from u to t performing the elementary left commutative transformation $\ldots((yx)z)\ldots \overset{i}{\to} \ldots((xy)z)\ldots$, in the same place. This transformation will be called an *inverse return* from u to t. Thus, $t \to u \overset{i}{\to} t$.

Note that an elementary left commutative transformation of an arbitrary term t does not lead to transformation on T, because the "image" of t is not uniquely determined. For instance, the term $t = ((ab)c)d$, $a, b, c, d \in X$, with one elementary left commutative transformation can be transformed in $t_1 = ((ba)c)d$, but also in $t_2 = (c(ab))d$.

Definition 2.2. Define a relation $\sim$ on T by:

$$t \sim u \overset{df}{\Leftrightarrow} (\exists t_0, t_1, \ldots, t_{k-1}, t_k \in T)\ t = t_0 \to t_1 \to \ldots \to t_{k-1} \to t_k = u.$$

The following proposition can be shown by induction on the length of t.

Proposition 2.1. *If* $t \sim u$, *then* $|t| = |u|$, $\mathrm{S}(t) = \mathrm{S}(u)$ *and* $|a|_t = |a|_u$, *where* $|a|_t$ *is the number of appearances of* $a \in X$ *in* t. □

Directly from the definition of $\sim$ it follows that $\sim$ is an equivalence relation and that if $t \sim u$ and $v \in T$, then $tv \sim uv$ and $vt \sim vu$, i.e. $\sim$ is a

congruence on $\mathbf{T}_X$, and $a^{\sim} = \{a\}$ for any $a \in X$, i.e. $X/_{\sim} = \{a^{\sim} : a \in X\} = \{\{a\} : a \in X\}$.

Define an operation $\cdot$ on $T/_{\sim} = \{t^{\sim} : t \in T\}$ by:

$$t^{\sim},\ u^{\sim} \in T/_{\sim} \ \Rightarrow\ t^{\sim} \cdot u^{\sim} = (tu)^{\sim}.$$

Clearly, $\mathbf{T}_X/_{\sim} = (T/_{\sim}, \cdot)$ is a groupoid. It is left commutative: $(t^{\sim} \cdot u^{\sim}) \cdot v^{\sim} = ((tu)v)^{\sim} = ((ut)v)^{\sim} = (u^{\sim} \cdot t^{\sim}) \cdot v^{\sim}$, for any $t^{\sim}, u^{\sim}, v^{\sim} \in T/_{\sim}$. By induction on the length of a term t it can be shown that $X/_{\sim}$ is a generating set for $\mathbf{T}_X/_{\sim}$. Also, $X/_{\sim}$ is the set of prime elements in $T/_{\sim}$. Namely, if $a^{\sim} \in X/_{\sim}$, then $a^{\sim} \neq t^{\sim} \cdot u^{\sim}$, for any $t^{\sim}, u^{\sim} \in T/_{\sim}$, because a is not a product of terms. There are no other prime elements in $T/_{\sim}$ except those from $X/_{\sim}$. Let $t^{\sim} \in (T/_{\sim})$, $(X/_{\sim})$. Then $t^{\sim} \notin X/_{\sim}$, i.e. $t \notin X$, so there are $u, v \in T$, such that $t = uv$. In that case $t^{\sim} = (uv)^{\sim} = u^{\sim} \cdot v^{\sim}$, i.e. $t^{\sim}$ is not prime in $\mathbf{T}_X/_{\sim}$.

$\mathbf{T}_X/_{\sim}$ has the universal mapping property for L_c over $X/_{\sim}$, i.e. if $\boldsymbol{G} \in \mathrm{L}_c$ and $\lambda : X/_{\sim} \to G$, then there is a homomorphism ψ from $\mathbf{T}_X/_{\sim}$ in $\boldsymbol{G}$ such that $\psi(a^{\sim}) = \lambda(a^{\sim})$, for every $a^{\sim} \in X/_{\sim}$. Define the mapping $\psi : T/_{\sim} \to G$ by $\psi(t^{\sim}) = \varphi(t)$, where φ is the homomorphism from $\mathbf{T}_X$ in $\boldsymbol{G}$ that extends λ. Note that ψ is a well defined mapping. First, we will show the following implication: $t \sim u \ \Rightarrow\ \varphi(t) = \varphi(u)$. Let $t \sim u$. Then there are $t_0, t_1, \ldots, t_{k-1}, t_k \in T$, such that $t = t_0 \,\square\, t_1 \,\square\, \ldots \,\square\, t_{k-1} \,\square\, t_k = u$. Let $t_i = \ldots((xy)z)\ldots$. Preserving the same arrangement of the parenthesis in t_i and using the fact that φ is a homomorphism, it follows that, for $i = 0,1,\ldots,k-1$,

$$\begin{aligned}
&\varphi(t_i) = \varphi(\ldots((xy)z)\ldots) = \varphi(\ldots)\varphi((xy)z)\varphi(\ldots) = \varphi(\ldots)((\varphi(x)\varphi(y))\varphi(z))\varphi(\ldots) = \\
&= [G \in \mathrm{L}_c] = \varphi(\ldots)((\varphi(y)\varphi(x))\varphi(z))\varphi(\ldots) = \varphi(\ldots)\varphi((yx)z)\varphi(\ldots) = \\
&= \varphi(\ldots((yx)z)\ldots) = \varphi(t_{i+1}).
\end{aligned}$$

Therefore, $\varphi(t) = \varphi(t_0) = \varphi(t_1) = \ldots = \varphi(t_k) = \varphi(u)$. The mapping ψ is a homomorphism from $\mathbf{T}_X/_{\sim}$ in $\boldsymbol{G}$:

$$\psi(t^{\sim} \cdot u^{\sim}) = \psi((tu)^{\sim}) = \varphi(tu) = \varphi(t)\varphi(u) = \psi(t^{\sim})\psi(u^{\sim}).$$

Therefore, the following theorem holds.

Theorem 2.1. *The factor-groupoid* $\mathbf{T}_X/_{\sim}$ *is a free left commutative groupoid over* $X/_{\sim}$. □

Proposition 2.2. *The* L_c*-free groupoid* $\mathbf{T}_X/_{\sim}$ *is left cancellative, but not right cancellative.*

Proof. Let $t^{\sim}\cdot u^{\sim} = t^{\sim}\cdot v^{\sim}$. Then $(tu)^{\sim} = (tv)^{\sim}$, i.e. $tu \sim tv$, so, there are $w_0, w_1, \ldots, w_m \in T$, such that $tu = w_0 \; w_1 \; \ldots \; w_{m-1} \; w_m = tv$. Assume that $u^{\sim} \neq v^{\sim}$. In that case there is $v' \in v^{\sim}$, such that $u \not\sim v'$. This means that there are not $u_1, \ldots, u_n \in T$, such that $u = u_0 \; u_1 \; \ldots \; u_{n-1} \; u_n = v$, i.e. $u_{n-1} \not\sim u_n = v$. Thus, $tu_{n-1} \not\sim tu_n = tv$, that contradicts the fact that $tu \sim tv$. Therefore, $u^{\sim} = v^{\sim}$, i.e. $\mathbf{T}_X/_{\sim}$ is left cancellative. $\mathbf{T}_X/_{\sim}$ is not right cancellative. For instance, if $a, b, c \in X$, and $t = ab$, $u = ba$, $v = c$, then $t^{\sim}\cdot v^{\sim} = \{(ab)c, (ba)c\} = u^{\sim}\cdot v^{\sim}$, but $t^{\sim} = \{ab\} \neq \{ba\} = u^{\sim}$. □

For the right commutative groupoids we define an elementary right commutative transformation of a term t, in a similar way as for the left commutative groupoids.

Definition 2.3. Let t be a term and $x(yz)$ a subterm of t. If one occurrence of $x(yz)$ is replaced by $x(zy)$, then a term u is obtained that is different from t only in the replaced part $x(yz)$ with $x(zy)$. $(yx)z$. In that case we say that an *elementary right commutative transformation* is executed on t and write $t \cdot \; u$.

In the cases when t does not contain a subterm of the form $x(yz)$, i.e. $t \in X$ or $t = (\ldots((a_1a_2)a_3)\ldots)a_n$, $a_1, a_2, \ldots, a_n \in X$, we write by definition $t \cdot \; t$.

Hence, $t = \ldots(x(yz))\ldots \cdot \; \ldots(x(zy))\ldots = u$, where the same arrangement of the parentheses in t is preserved in u.

Definition 2.4. Define a relation $\backsim$ on T by:

$$t \backsim u \overset{df}{\Leftrightarrow} (\exists t_0, t_1, \ldots, t_{k-1}, t_k \in T)\; t = t_0 \cdot \; t_1 \cdot \; \ldots \cdot \; t_{k-1} \cdot \; t_k = u.$$

Similar proposition as the Proposition 2.1 holds for the relation $\backsim$ and directly from Definition 2.4 it follows that $\backsim$ is a congruence on $\mathbf{T}_X$.

Define an operation $\cdot$ on $T/_{\backsim} = \{t^{\backsim} : t \in T\}$ by:

$$t^{\backsim}, u^{\backsim} \in T/_{\backsim} \Rightarrow t^{\backsim}\cdot u^{\backsim} = (tu)^{\backsim}.$$

Clearly, $\mathbf{T}_X /_{\infty} = (T /_{\infty}, \cdot)$ is a groupoid. It is right commutative: $t^{\infty} \cdot (u^{\infty} \cdot v^{\infty}) = (t(uv))^{\infty} = (t(vu))^{\infty} = t^{\infty} \cdot (v^{\infty} \cdot u^{\infty})$, for any $t^{\infty}, u^{\infty}, v^{\infty} \in \mathbf{T}_X /_{\infty}$. By symmetry, similar suitable properties as for the left commutative groupoids hold for the right commutative groupoids. That way we obtain a description of the free right commutative groupoids as a factor-structure. Note that the free right commutative groupoid $\mathbf{T}_X /_{\infty}$ is right cancellative, but not left cancellative. Another description of the free right commutative groupoids can be seen in [1].

For the bi-commutative groupoids we define an elementary bi-commutative transformation on a term t in the following way.

Definition 2.5. Let t be a term and $(x_1 y_1) z_1$ or $x_2 (y_2 z_2)$ a subterm of t. If an elementary left commutative transformation or an elementary right commutative transformation on t is performed, then a term u is obtained. We say that an *elementary bi-commutative transformation* is performed on t and write $t \, \mathrm{I} \quad u$.

In the cases when t does not contain a subterm of the form $(x_1 y_1) z_1$ or $x_2 (y_2 z_2)$, i.e. $t \in X$ or $t \in XX$, by definition we write $t \, \mathrm{I} \quad t$. Thus,

$$t = \ldots((x_1 y_1) z_1) \ldots \mathrm{I} \quad \ldots((y_1 x_1) z_1) \ldots = u \qquad \text{or}$$
$$t = \ldots(x_2 (y_2 z_2)) \ldots \mathrm{I} \quad \ldots(x_2 (z_2 y_2)) \ldots = u,$$

where the same arrangement of the parentheses in t is preserved in u.

Definition 2.6. Define a relation $\approx$ on T by:

$$t \approx u \overset{df}{\Leftrightarrow} (\exists t_0, t_1, \ldots, t_{k-1}, t_k \in T) \; t = t_0 \, \mathrm{I} \quad t_1 \, \mathrm{I} \quad \ldots \mathrm{I} \quad t_{k-1} \, \mathrm{I} \quad t_k = u.$$

Directly from the definition of $\approx$ it follows that $\approx$ is a congruence on $\mathbf{T}_X$.

Define an operation $\cdot$ on $T /_{\approx} = \{ t^{\approx} : t \in T \}$ by:

$$t^{\approx}, u^{\approx} \in T /_{\approx} \;\Rightarrow\; t^{\approx} \cdot u^{\approx} = (tu)^{\approx}.$$

Clearly, $\mathbf{T}_X /_{\approx} = (T /_{\approx}, \cdot)$ is a groupoid. It is bi-commutative: for any $t^{\approx}, u^{\approx}, v^{\approx} \in \mathbf{T}_X /_{\approx}$, $(t^{\approx} \cdot u^{\approx}) \cdot v^{\approx} = ((tu)v)^{\approx} = ((ut)v)^{\approx} = (u^{\approx} \cdot t^{\approx}) \cdot v^{\approx}$, $t^{\approx} \cdot (u^{\approx} \cdot v^{\approx}) = (t(uv))^{\approx} = (t(vu))^{\approx} = t^{\approx} \cdot (v^{\approx} \cdot u^{\approx})$. In a similar way as for the left commutative groupoids a suitable properties for the bi-commutative groupoids can be shown. That way we obtain a description of the free bi-commutative groupoids as a factor-structure. Note that the B_c-free groupoid $\mathbf{T}_X /_{\approx}$ is neither left nor right cancellative.

СЛОБОДНИ ЛЕВО КОМУТАТИВНИ ГРУПОИДИ

Весна Целакоска-Јорданова, Биљана Јанева

Резиме

Во трудов се дава конструкција на слободни објекти како фактор-структури во многуобразието лево комутативни групоиди, т.е. многуобразието групоиди дефинирано со идентитетот $(xy)z \approx (yx)z$. Слични конструкции се дадени и за слободните објекти во многуобразието десно комутативни групоиди, т.е. многуобразието групоиди дефинирано со идентитетот $x(yz) \approx x(zy)$ како и во многуобразието би-комутативни групоиди дефинирано со идентитетите $(xy)z \approx (yx)z$ и $x(yz) \approx x(zy)$, како фактор-структури.

References

1. Ježek J., Kepka T., *Varieties of Groupoids Determined by Short Linear Identities*, Czechoslovak Math. J., 39(114) (1989), Praha, 644 – 658


2. Markovski S., Sokolova A., Goracinova-Ilieva L., *Approaches to the Problem of Constructing Free Algebras*, Proc. Sixth Int. Conf. On Discrete Math 2001, Bansko Bulgaria (2001), 109 – 117

3. McKenzie R. N., McNulty G. F., Taylor W. F., *Algebras, Latices, Varieties*, Wadsworth \& Brooks/Cole, 1987

517.988.6

Prof. **Biljana PERCINKOVA,** Ph.D

PARADOXICAL APPROACH TOWARDS SOLVING NONLINEAR STATIC MODELS



Abstract

Unlike linear systems, the nonlinear multidimensional models do not have so well developed and successful mathematical methods for their solving. In the paper, a new procedure for solving a set of n nonlinear equations of n variables, based on a movement along the solution curve in (n+1) dimensional space, is presented. The method is global and independent from the initial estimation. Special attention is dedicated to the procedure for automatic following the solution curve when it is spiral, vertical or reversing its direction, and in regions where the slopes approach infinity. Eight test functions – Rastrigin, , Branin, Hartman, Goldstine-Price and Scheckel – difficult to approach with other methods and given to the scientific society as a challenge, have been successfully solved.

Keywords: *global optimization, solution curve, independent variable exchange.*

1. A Brief Theoretical Introduction to the Method

In the beginning let us make a considered explanation of the theoretical aspects of a new method for solving arbitrary multivariable nonlinear systems.

Let a system of *n* nonlinear equations if *n* variables is given as follows:

$$\begin{aligned} &F_1(x_1, x_2, ..., x_n) = 0 \\ &F_2(x_1, x_2, ..., x_n) = 0 \\ &\text{M} \\ &F_n(x_1, x_2, ..., x_n) = 0 \end{aligned} \qquad (1.1)$$

The solution domain is given by:

$$\begin{aligned} &x_{p1} < x_1 < x_{k1} \\ &x_{p2} < x_2 < x_{k2} \\ &\vdots \\ &x_{pn} < x_n < x_{kn} \end{aligned} \qquad (1.2)$$

It is assumed that the functions $F_i(x_1, x_2, \ldots, x_n) = 0$ (i = 1, 2, ... , n) are differentiable in the given range.

We modify the original system (1.1) by adding a new variable z:

$$\begin{aligned} &F_1(x_1, x_2, \ldots, x_n) = z \\ &F_2(x_1, x_2, \ldots, x_n) = z \\ &\vdots \\ &F_n(x_1, x_2, \ldots, x_n) = z \end{aligned} \qquad (1.3)$$

These n equations of (n+1) variables define a curve in (n+1) dimensional space, which we will name *a solution curve* or *a ridge-path*. The breakthrough point(s) of this curve into the hyper-plane z=0 is exactly the solution of the original nonlinear system (1.1). So, the basic idea about this method for solving nonlinear systems is contained in the following statement:

Once we find a point on a solution curve, taking it as an initial point and moving along the curve, we shall reach the point whose z-coordinate equals 0, which represents the solution of our system.

According to the previous description of the method, it is obvious that, in front of all, we have to deal with two basic problems:

- Obtaining the starting point of the solution curve, and

- Moving along the solution curve and obtaining the solution (when z = 0).

How do we obtain the starting point of the solution curve?

The starting point $X_0(x_1, x_2, \ldots, x_n, z)$ should fulfill all equations of the nonlinear system (1.3), i.e., its coordinates should give equal values for the right sides of (1.3), when applied in. It is almost improbable to find the initial point by pure inspection. For that reason, *the correctional functions* are used. They modify the system (1.3) as follows:

$$\begin{aligned}
&F_1(x_1, x_2, \ldots, x_n) + F_{k1}(x_1, x_2, \ldots, x_n) = z \\
&F_2(x_1, x_2, \ldots, x_n) + F_{k2}(x_1, x_2, \ldots, x_n) = z \\
&\vdots \\
&F_{n-1}(x_1, x_2, \ldots, x_n) + F_{k,n-1}(x_1, x_2, \ldots, x_n) = z \\
&F_n(x_1, x_2, \ldots, x_n) = z
\end{aligned} \qquad (1.4)$$

The correctional functions have to provide identical values of all functions (1.4) and they have to decrease in the iterative process in order to become equal to 0 on the solution domain border. The geometrical interpretation is that we find a point of some auxiliary curve, whose one coordinate is outside the solution domain, and approaching the solution curve we infuse into it just before entering the solution domain. We choose the coordinate xn to be outside the given range. If we denote its value in the starting point X_0 by x_{sn} and the value on the beginning of the solution domain by x_{gn}, then we are able to form the following linear correctional functions:

$$F_{ki} = DZ_i \left[\frac{1}{x_{sn} - x_{gn}} x_n - \frac{x_{gn}}{x_{sn} - x_{gn}} \right] \qquad (1.5)$$

where

$$DZ_i = F_{n0} - F_{i0} \ , \ i = 1, 2, \ldots, n\text{-}1 \qquad (1.6)$$

and

$$F_{n0} = F_n(x_{10}, x_{20}, \ldots, x_{sn}); F_{i0} = F_i(x_{10}, x_{20}, \ldots, x_{sn}) \qquad (1.7)$$

This choice of correctional functions is reliable and successful because they have the following features:

- For $x_n = x_{sn} \Rightarrow F_{ki} = DZ_i$, that is, in the beginning they provide equal values in the modified nonlinear system;

- The value of the correctional functions F_{ki} is smaller for exactly $\left|\frac{DZ_i}{x_{gn} - x_{sn}} \Delta x_n\right|$ in every new step of the recursive process of moving along the supplementary curve.
- For $x_n = x_{gn} \Rightarrow F_{ki} = 0$, that is, their value becomes equal to 0 in the moment of infusion into the solution curve.

Nonlinear correctional functions should be avoided because they add nonlinearity and impreciseness in the process of solving the system.

How do we move along the solution curve?

Once we find the initial point on the solution curve, it is necessary to determine correctly the next point in order to stay on the ridge-path. We can see that, in fact, the system (1.3) is formed of *n* *z*-functions of *n* variables $x_1, x_2, \ldots, x_n$ explicitly expressed and defined in the given range (1.2).

The condition for staying on the solution curve is total differentials of all the functions to be mutually equal , i.e.,

$$dz_i = dz_n, \qquad i = 1, 2, \ldots, n\text{-}1 \qquad (1.8)$$

Total differential of the function $z = F_i(x_1, x_2, \ldots, x_n)$ is defined as:

$$dz = \frac{\partial F_i}{\partial x_1} dx_1 + \frac{\partial F_i}{\partial x_2} dx_2 + \cdots + \frac{\partial F_i}{\partial x_n} dx_n \qquad (1.9)$$

The relation $\frac{\partial z}{\partial x_j}$ is the first order partial derivative of the *z*-function, defined by the following expression:

$$\frac{\partial z}{\partial x_j} = \lim_{\Delta x_j \to 0} \frac{F_i(x_1, x_2, \ldots x_j + \Delta x_j, \ldots x_n) - F_i(x_1, x_2, \ldots x_n)}{\Delta x_j} \equiv$$
$$\frac{\partial}{\partial x_j} F_i \equiv F_i^j \qquad (1.10)$$

It is a measure of the rate of change of z with respect to x_j, having fixed values of the other variables $x_1, x_2, \ldots, x_{j-1}, x_{j+1}, \ldots, x_n$. We can transform the condition (1.8) by equivalent:

$$\sum_{j=1}^{n} F_i^j dx_j = \sum_{j=1}^{n} F_n^j dx_j \quad i = 1, 2, \ldots, n \qquad (1.11)$$

To avoid the error accumulation, the following corrected criterion is used:

$$z_i + \sum_{j=1}^{n} F_i^j dx_j = z_n + \sum_{j=1}^{n} F_n^j dx_j \qquad (1.12)$$

Dividing this relation by dx_n and substituting the differentials dx_i by finite differences Δx_i, we obtain the linear system of $(n\text{-}1)$ equations of $(n\text{-}1)$ variables:

$$\sum_{j=1}^{n-1} (F_i^j - F_n^j) \frac{\Delta x_j}{\Delta x_n} = \frac{F_n - F_i}{\Delta x_n} + F_n^n - F_i^n \qquad (1.13)$$

The solutions of this system are $(n\text{-}1)$ derivatives of type $\frac{\Delta x_j}{\Delta x_n}$. They could be obtained by any of the methods for solving linear systems.

So, if we have a point on the solution curve in the k-th iteration, we can compute all partial derivatives in that point by formula (1.10). Next, according to (1.11) if we fix one increment - let it be Δx_n - we could obtain all the other increments Δx_i of the variables. Consequently, the new point on the solution curve is found as follows:

$$\begin{aligned} x_1^{(k+1)} &= x_1^{(k)} + \Delta x_1 \\ x_2^{(k+1)} &= x_2^{(k)} + \Delta x_2 \\ &\vdots \\ x_n^{(k+1)} &= x_n^{(k)} + \Delta x_n \end{aligned} \qquad (1.14)$$

2. Further Development - An Independent Variable Exchange Procedure

When the solution curve is spiral one or reversing its direction, we may be faced with problems applying the previously described method. Namely, in some places of the curve, since the increment Δx_n is constant, some of the slopes $\frac{\Delta x_j}{\Delta x_n}$ may approach infinity. To avoid these situations, we shall discuss about procedure as further development of the method. Its main idea is that the increment of the independent variable which determines all the other increments not to be always Δx_n, but the variable which enables us moving along the slightest slope in respect to the coordinate axis. For that purpose, we will present some characteristics of the so-called Jacobean matrix of the system.

Let us introduce the following denotations:

$$\begin{aligned} \frac{\Delta x_1}{\Delta x_n} &= G_{1n}(x_1, x_2, \dots, x_n) \\ \frac{\Delta x_j}{\Delta x_n} &= G_{jn}(x_1, x_2, \dots, x_n) \\ \frac{\Delta x_n}{\Delta x_n} &= G_{nn} = 1 \end{aligned} \qquad (2.1)$$

The ratio $\frac{\Delta x_j}{\Delta x_n}$ represents the j-th slope of the solution curve in relation to x_n. Including the trivial ones of the type $\frac{\Delta x_k}{\Delta x_k}$, there are n^2 possible slopes that form the Jacobean matrix G as follows:

$$G = \begin{bmatrix} \frac{\Delta x_1}{\Delta x_1} & \frac{\Delta x_1}{\Delta x_2} & \cdots & \frac{\Delta x_1}{\Delta x_k} & \cdots & \frac{\Delta x_1}{\Delta x_n} \\ \frac{\Delta x_2}{\Delta x_1} & \frac{\Delta x_2}{\Delta x_2} & \cdots & \frac{\Delta x_2}{\Delta x_k} & \cdots & \frac{\Delta x_2}{\Delta x_n} \\ \vdots & & & & & \\ \frac{\Delta x_n}{\Delta x_1} & \frac{\Delta x_n}{\Delta x_2} & \cdots & \frac{\Delta x_n}{\Delta x_k} & \cdots & \frac{\Delta x_n}{\Delta x_n} \end{bmatrix} = \begin{bmatrix} G_{11} & G_{12} & \cdots & G_{1k} & \cdots & G_{1n} \\ G_{21} & G_{22} & \cdots & G_{2k} & \cdots & G_{2n} \\ \vdots & & & & & \\ G_{n1} & G_{n2} & \cdots & G_{nk} & \cdots & G_{nn} \end{bmatrix} \qquad (2.2)$$

The k-th column of this matrix represents the n possible slopes in relation to the coordinate x_k. Up to this moment, we have permanently used the n-th column of this matrix. Since we have concluded that it is undesirable in some cases, we are going to use the column which is optimal in the given moment. That would be the

column whose absolute values are less than or equal 1. It could be demonstrated that in the Jacoby matrix G always exists at least one column with this property. Namely, the following is valid:

$$G_{jk} = \frac{\Delta x_j}{\Delta x_k} = \frac{\Delta x_j / \Delta x_i}{\Delta x_k / \Delta x_i} = \frac{G_{ji}}{G_{ki}} \qquad \text{for all } i, j, k\,; \tag{2.3}$$

consequently,

$$G_{jk} = \frac{1}{G_{kj}} \quad and \quad G_{kk} = 1 \tag{2.4}$$

Let us assume that the greatest element by absolute value in the i-th column is G_{ki} and that it is greater than one. According to (2.3), in the k-th column all elements G_{jk} are less than or equal 1, i.e., the following relation is correct:

$$\left| G_{jk} \right| = \left| \frac{G_{ji}}{G_{ki}} \right| \le 1 \qquad j = 1, 2, ..., n \tag{2.5}$$

Consequently, the k-th column of the Jacobean matrix is our optimal column, and Δx_k is our new referent increment, the one which will determine all the other increments in such a way that the movement through the solution curve will be according to its slightest slope.

The procedure could be comprised as follows:

Let x_k is the current independent variable.

1° In every iterative step, the k-th column is being tested to see whether an element $\left| \frac{\Delta x_j}{\Delta x_k} \right| > 1$ exists. If not, the iterative process continues without any change;

2° If there is at least one element $\left|\frac{\Delta x_j}{\Delta x_k}\right| > 1$, then the new independent variable is

being determined by:

$$\left|\frac{\Delta x_k}{\Delta x_j}\right| = \max_i \left|\frac{\Delta x_i}{\Delta x_j}\right| \qquad (2.6)$$

3° The sign of the increment h of the current independent variable is resolved according to the following relations:

a) if $\frac{\Delta x_i}{\Delta x_j} > 0$ then $h = h$, and

b) if $\frac{\Delta x_i}{\Delta x_j} < 0$ then $h = -h$.

On the end we'll discuss something about an algorithm for computer - assisted solving the exchanging independent variable problem.

Let us suppose we found out that k is the index of our new independent variable. Then, the equalizing of total differentials will be done with the k-th function, and also the dividing will be by Δx_k, not by Δx_n:

$$\sum_{\substack{j=1 \\ j\neq k}}^{n} (F_i^j - F_k^j)\frac{\Delta x_j}{\Delta x_k} = F_k^k - F_i^k,$$

$i = 1, 2, ..., k\text{-}1, k\text{+}1, ..., n$ (2.7)

Let us extend the last relation by formally adding the variable $\frac{\Delta x_k}{\Delta x_k}$ and also the index $i = k$ which gives us the following identical system:

$$
\begin{aligned}
&(F_1^1 - F_k^1)\frac{\Delta x_1}{\Delta x_k} + \mathrm{L} + (F_1^k - F_k^k)\frac{\Delta x_k}{\Delta x_k} + \mathrm{L} + (F_1^n - F_k^n)\frac{\Delta x_n}{\Delta x_k} = 0 \\
&\mathrm{M} \\
&(F_{k-1}^1 - F_k^1)\frac{\Delta x_1}{\Delta x_k} + \mathrm{L} + (F_{k-1}^k - F_k^k)\frac{\Delta x_k}{\Delta x_k} + \mathrm{L} + (F_{k-1}^n - F_k^n)\frac{\Delta x_n}{\Delta x_k} = 0 \\
&0 + \mathrm{L} + 0 + \mathrm{L} + 0 = 0 \\
&(F_{k+1}^1 - F_k^1)\frac{\Delta x_1}{\Delta x_k} + \mathrm{L} + (F_n^k - F_k^k)\frac{\Delta x_k}{\Delta x_k} + \mathrm{L} + (F_{k+1}^n - F_k^n)\frac{\Delta x_n}{\Delta x_k} = 0 \\
&\mathrm{M} \\
&(F_n^1 - F_k^1)\frac{\Delta x_1}{\Delta x_k} + \mathrm{L} + (F_n^k - F_k^k)\frac{\Delta x_k}{\Delta x_k} + \mathrm{L} + (F_n^n - F_k^n)\frac{\Delta x_n}{\Delta x_k} = 0
\end{aligned}
\qquad (2.8)
$$

Since the matrix of this linear system is singular, it cannot be solved by the appropriate program that works with the first (n-1) rows and columns. So, in order to do simple exchange of the independent variable in the computer program, we cover the k-th row by the n-th, and k-th column by the n-th. By these transformations, we solve the singularity of the matrix and the doubling of the free articles. As output, we obtain the values $\frac{\Delta x_1}{\Delta x_k}, \frac{\Delta x_2}{\Delta x_k}, \ldots, \frac{\Delta x_n}{\Delta x_k}$, that allows us to continue with moving through the slightest slope of the solution curve.




Fig.1a: The Wrong Way of Moving Through the Solution Curve




Fig.1b: The Correct Way

Апстракт

За разлика од линеарните системи, нелинеарните мултидимензионални модели немаат добро развиени и успешни математички методи за решавање. Во статијата е прикажана нова постапка за решавање систем нелинеарни равенки од n променливи, базиран на движење долж крива на решение во (n + 1) димензионалниот простор. Методата е глобална и независна од почетните услови. Посебно внимание е посветено на постапката за автоматско следење на кривата на решение во случаи кога таа е спирална, вертикална или ја свртува во обратна насока својата патека, како и во областите каде што нагибот достигнува бесконечно. Осум текст функции – Растригин, Бранин, Хартман, Голдштајн-Прајс и Шекел – кои се тешко достапни со другите методи и се дадени на научната заедница како своевиден предизвик, успешно се решени.

Клучни зборови: глобална оптимизација, крива на решение, промена на независно-променливите

References

1. Percinkova B., et al. (1989) *"Following the solution curve with largely varying slopes and spiral movement in nonlinear systems"*, 10th European Conference on Operational Research, Beograd, Yugoslavia, June 27-30, 1989, pp. 153-154.

2. B. Percinkova et al. (1989) *"A method for solving arbitrary nonlinear static systems",* IFAC / IFORS / IMACS Symposium "Large Scale Systems: Theory and Applications", Berlin, GDR, August 29-31, 1989.

3. Percinkova B. et al.(1989)

"A procedure for following the solution curve with largely varying slopes in the new method for solving arbitrary multivariable nonlinear static models", XI Int. Symp. "Computer at the University", Cavtat 1989. , pp. 11.13.1 - 11.13.6.

4. Percinkova Biljana et al. (1989) *"A computer assisted method for solving arbitrary multivariable nonlinear static models"*, Proc. 10th Int. Symp. "Computer at the University", Cavtat, 06-10 June 1988, pp. 11.3.1 - 11.3.8.

5. Percinkova B. et al.(1987) *"On the system approach to computerized management information systems as large - scale control systems"*, IX International Symp. "Computer at the University", Cavtat, 18 - 22. 05. 1987.

6. Broyden, C. G. (1969) *"A method of solving simultaneous nonlinear equations"*, Comput. J. , Vol. 12, pp. 94.


7. Ortega, J. M. , Rheinboldt, W.C. (1970)

"Iterative Solution of Nonlinear Equations in Several Variables", Acad. Press, New York.

141.12 :[530.145+004.8

Prof. **Biljana PERCINKOVA,** PhD

ONTOLOGIES IN QUANTUM PHYSICS AND ARTIFICIAL INTELLIGENCE



Abstract

In this paper interpretation difficulties in quantum mechanics are given and quantum epistemological issues presented including Einstein-Bohr conflicting ideas, the definition of the collapse of the Schrödinger's wave function, consciousness-based interpretations, etc. The alternatives presented correspond to hidden-variable theories (Albert Einstein and David Bohm), naive realism (ensemble-interpretation/ many-worlds interpretation), Bohr's Copenhagen/observer interpretations, John von Neumann's quantum logic etc. A consciousness-based dual-observer theory is offered based on the idea of matter and consciousness as different ontological categories uniting transcendental monism, dualism and materialism by assuming the reality of one universal observer, many individual observers and matter. The problems in artificial intelligence (Gödel's theorem of incompleteness, Turing's test) are treated through the prism of this theory.

Berner's Information Paradigm is suggested for resolution and further development.

Ontologies belonging to the modern as well as ancient philosophies are also given.

ONTOLOGICAL CATEGORIES IN QUANTUM PHYSICS AND ARTIFICIAL INTELLIGENCE

Cogito ergo sum; Quantum epistemological issues

Three hundred years ago René Descartes set the foundations of modern science by excluding "the Mind of God" out of it; today, however the quantum physics is faced to the possibility either to bring it back, or deny the very foundations on which it resides. "I think therefore I exist," means simply "I exist". If I exist, goes further Descartes' argument, there have to be an intelligence that created me - therefore God exists. If God exist, He being a reasonable person would by no means deceive me - therefore objective reality He created REALLY exists. Although, put in this way, it may sound naive, actually this is the way the founder of the modern science set its foundations.

The objective science of Descartes and Newton is, however facing today serious barriers in the form of quantum mechanics, Einstein's relativity, the theory of chaos of Lorenz, Feigenbaum, Crutchfield, Shaw and the others and artificial intelligence with Gödel's theorem of incompleteness. Although Pierre Simon de Laplace, the marquise, in his famous *"Traité de méchanique céleste"* said something like "give me exact and perfect mathematical relation and precise and excellent instruments, and I will predict the behavior of the Universe hundreds years in advance and describe it years in the past" we know today this will not be easy even for a genius he, no doubt, was. Heisenberg's principle of uncertainty shows us that we could have either the position or the velocity of a given subatomic particle correct to a given degree, and measure for this is Planck constant ($\Delta v * \Delta x = h$); we could not have them both no matter how precise and extraordinary our instruments are.

Correct mathematical model is also not enough; the theory of chaos showed us that slight changes in the initial conditions could cause dramatic changes in the dynamics of the nonlinear system and unpredictable, chaotic behavior. To this we could add Gödel's theorem which shows that even logic is not enough - that the moment the formal logical system becomes so sophisticated that in it we could present even statements about itself (system about the system, prove for the prove, mathematics about the mathematics), that moment we come to irresolvable statements. No more determinism means predictability.


The formalism of quantum mechanics which leads to interpretational difficulties can be introduced briefly as follows: the possible results for measuring certain physical magnitudes (called observables) on quantum systems are confined to a set of possible values (real numbers); it is, in general not possible to predict which value will a certain observable obtain on measurement - we have only the probability for any particular value from a set of possible variables [Redhead, 1987]. In the formalism of Born, we have:

$$prob_{\psi}(a \in \Omega) = p \qquad [1]$$

where p is a real between zero and one (including those limits), A is a quantum dynamical variable, Ω is a (Borel) set of real numbers, and ψ is the mathematical representative of a instantaneous quantum state, normally referred to as the wave function of the state vector. We can read the equation as follows: "In quantum state ψ, the probability of finding that the value of A lies in Ω is p". The task of the interpretation is to identify the physical meaning of these probability statements: Do these specify probabilities that a quantity has a certain value, that a measuring apparatus will or would record a corresponding result if the quantity is measured, or that a quantity will or would acquire a certain value upon measurement. The alternatives would correspond respectively to naive realism (many-worlds interpretation), hidden-variable theories and Copenhagen/observer interpretations {fig.1: *Interpretations in quantum mechanics*}.

It is visible on our chart that if we agree that measurement is not a problem, then one possible interpretation of [1] is the explanation given by the quantum physicists belonging to quantum logic; what they basically say is that actually everything is fine with QM - what is not all right is the fact that we have not developed yet quantum logic. Namely we are supposed to do what George Boole born symbolically in 1815 - Waterloo and victory of England) did for computer science: build an appropriate logic. (Let us remember in this occasion that Boole was creating in England in the time when all the main discoveries in the science were on the Continent; isolated, he did something completely original - his logic).

If we accept, however, that measurement IS a problem, than possible question is whether it is an interaction between the observer and the observed. Again, we have two possibilities. If no, there are still chances for quantum mechanics to be complete. No, says Bohm: it is not complete, and what are lacking are hidden variables (Bohm, 1980). It is interesting, that no other then Bohm himself, the heretic in quantum physics, who was communicating with Krishnamurty and developed the theory of the Universe as a giant hologram and holomovement, finally comes with a sound mathematical theory of hidden variables and implicate order behind the visible disorder.



Yes, say Everett and Davis (Davis, 1980, 1983); QM is complete - what is not all right is our interpretation; our interpretation should be: all possible values of Ω do exist, and every one of them creates a separate Universe. But there are, indeed, indications that measurement IS a special interaction and that, perhaps, the consciousness of the observer (who finally created the experiment) is involved; because, really if I throw away a stone and it breaks the window, I would not say that the stone (the instrument) broke the window, but myself. Bohr, however, in his famous Copenhagen interpretation and "no deep reality" statement did not agree. He had argued that physical instruments (silver bromide, Geiger counter) bring a measurement to a close with an "irreversible act of amplification" even without a conscious observer (Bohr, 1958). Bohr was convinced that physics is not even a science about things - it is simply way to look at them. Quantum physics is obviously correct, it produces results, the whole computer technology, the processors and laser technology is based on it - and what happens 'down there' we should not be interested at all. Many criticized Bohr that with this attitude he hold back the development of QM - maybe someone COULD found what happens 'down there' in subatomic world.

Finally, we have the branch of pure consciousness-based interpretation and neo-idealistic view of everything that exist as a consciousness. Here we could, briefly, remember the concepts of mind developed by philosophers through millennia: (1) materialism: Mind is a product of the brain, more exactly a by-product of the survival functions the brain performs for the organism. (2) Idealism: Mind is the ultimate reality; matter is but an illusion created by the human mind. (3) Dualism: Mind and matter - are both fundamental but entirely different

ontological categories; in humans they are associated through the brain. (4) Holism: matter and mind constitute a whole that cannot be taken apart, either in thought or in fact. (5) Matter and mind are both real but they are not fundamental: they evolved together out of a still deeper level of reality, called by some contemporary quantum physicists *the zero point fields* (Laszlo, 1996).

DIFFICULTIES WITH CONSCIOUSNESS-BASED INTERPRETATIONS

Physicists have seen several reasons for not introducing conscious observers within the theory. Quantum theory is thought to permit only one observer if the observer collapses the wave function. A version of the argument (Everett, 1957) goes as follows: Consider the case of the observer A, who is performing measurements upon a system S, the totality (A+S) in turn forming the observed-system for another observer B. Let A make an observation on the system S (thus collapsing its wave function) and make a private "permanent" record of it. According to the conscious-observer interpretation, S must evolve according to Schrödinger's wave equation until A makes her/his first measurement, at which point S would undergo a collapse. However, if B does not yet make a measurement on (A+S), then, according to B, the system S [which is part of B's observed system (A+S)] must still be causally evolving according to Schrödinger's wave equations, even though A may be performing measurement on it and hence collapsing its wave function! As a result, we have either to postulate that only one/ and single observer is possible, or admit the incorrectness of QM. [And what is one and a single observer if not God? The gnostics had long ago defined God as an *observer observing Himself!* So, the QM has come to, a point when it had proved the existence of God scientifically - or should eat itself.]

PROPOSAL

The idea of transcendental monism (single universal observer) has been consistently invoked in dealing with QM problem, since the basis for physics is materialistic monism [the notion that matter is the only reality]. However, considering many individual observers OR a single universal observer are not the only options available. We could consider a third option: many individual localized observers AND a single universal observer. Matter could be seen as the ***content for exchanges between conscious observers.*** [Ravi Goinatam. 1992]. This proposal assumes extra inters when we note that it resonates with the ontological elements of a dualistic Vedanta school known as *Gaudiya Vaishnava Vedanta* called *achintya-bheda-abheda tatwa* (the principle of inconceivable simultaneous oneness and difference); it in modern times most clearly propounded by Sri Caitanya of Bengal, five hundred years ago. Its chief distinguishing element is the

conception of universal conscious observer (God), plurality of localized individual conscious observers (*jivas*) and the reality as a dynamic relation between these three ontological categories. Because it integrates the basic concepts of transcendental monism (universal observer), materialism (objective physical reality) and dualism (consciousness is nonphysical and different from matter), this pluralistic framework has potential to be relevant in a new way to quantum epistemological issues. While monistic Vedanta of Shankaracharya embraces the simple-minded notion that the physical world must be ultimately not real (*maya*), Gaudlya Vaishnava Vedanta provides a radically new definition of maya, retaining physical reality as objectively existing.

INFORMATION EXCHANGE - A PARADIGM FOR MEASUREMENT

A simple example: How does this third option explain the measurement problem in quantum physics? Let us use the analogy with a book. The book has *primary properties* (its weight, length and so on, which exist independently from the observer), then *secondary* (its color) or *subjective* (it is my mother's present so it is valuable for me), *contextual* (I could use it as a paper weight, as a door stop or a little chair - I use different contexts for it, which had nothing to do with its real purpose: to convey a meaning) and finally *informational* property and this is the very purpose of its existence: the idea of the author. We have all three ontological properties: matter (the book physically), a set of individual observers (the readers) and one single universal observer (the author). In order to understand the very essence of the book we could perform different scientific experiments: to split it and burn it in order to understand its physical and chemical properties, measure it, analyze it, with Geiger counter or, a spectrometer and so on and so on. Seemingly the observer changes the observed object by the act of observation (and collapses the Schrödinger's wave function); still, its informational (designed) property - what the author (the universal observer) wanted to say - remains fully unchanged!! And this is the explanation.

Why are the results probabilistic and not deterministic? (Let us remind that Einstein never accepted this; he said: "God does not plays dice" and "I am convinced there must a way to see things for what they are, and not only through their probability. Also about Heisenberg's Principle of Uncertainty: "I am sure the mouse could not change the Universe by simply watching it."). Let us use the same analogy, our book: I have a book written in Chinese and not knowing the language I want to determine if it is a drama; I see the paragraphs in it, and I say: "I am 60% sure this book is a drama." But I could not say exactly (deterministically), because I don't speak Chinese (information property).

We propose that wave and particle natures are, similarly, contextual properties which arise because *we* put light to 'uses' which are different from the


ones originally intended for it. We perceive 'light' as a 'wave' or a 'particle' in different experimental interactions, but light remains *physically the same*. A unique physical configuration (light and the measuring apparatus) may accompany each contextual property (wave or particle), but *the two are not causally connected*. A measurement interaction does not physically change the light into a wave or particle. That is a contextual change.

CONSCIOUSNESS AS CAUSAL ELEMENT OF COGNITION

We could use the same philosophical view to resolve the dilemmas in artificial intelligence, by conceiving consciousness as a nonmaterial energy form to which the class of operators that effect changes in the states of matter can belong. This view corresponds accurately with the requirements of the issues of cognition (Gomatam, 1995). How can we understand matter and consciousness as two different energies? Energy, by definition, is the "capacity to perform work." Matter is a form of energy, which cannot actualize its capacity for work *unless acted upon by an external causation.* When we conceive consciousness as the energy form different from matter [this belonging actually to body-mind distinction as a direct consequence of the understanding, explained above, for the universal observer, set of individual observers and matter as different ontological categories and to the philosophical understanding denoted as (5)], we immediately see what can be the difference between them: since consciousness by nature has to be sentient, as an energy, it will not only have the capacity to perform work but also to *actualize such work on its own;* and naturally, it can also *cause* matter to perform work.

TURING'S TEST EXPLAINED

If to this we add the understanding of GVV and Eastern philosophy of consciousness as different from matter by the characteristics of *self - consciousness, intentionality and causality***,** the Turing's test is no more an open problem. Since the interrogator has only the answers from both, a computer or a human, he by no means could determine where the answer came from. Namely, the computer is an a-causal system (belonging to matter, as ontological category and having the 'cause' for its existence in time previous to its own; not having therefore the characteristics mentioned above), and the human is a causal system (*with* the characteristics of self-consciousness, intentionality and causality); if we want to distinguish between them we must have not just the answers, but rather the fact whether these answers al-e produced by a causal or an a-causal system. The test, as it is, *is not capable of providing this key information.* These considerations could help us have deep insights also into the Gödel's theorem of incompleteness (Percinkova, 1994):



THE HIERACHICAL MODEL




Fig 2: THE AUTOMOBILE ANALOGY

Figure 2 illustrate the basic elements of a hierarchical model proposed here compared with the analogy of an automobile.)

RESOLUTION:

Can machines think? The hierarchical model, which separates consciousness from matter (intelligence, mind and body), suggests that we should rather ask: "Can *we* think through machines?" The "we" of course refers to us as conscious entities. The model holds consciousness as the *only necessary and sufficient condition for causal cognitive functioning.*

The above considerations also help us understand the ancient gnostic search for direct experience of Truth and realization of self as the ultimate goal of perennial philosophy. This justifies the “Who am I” quest as central endeavor of human search for Absolute.

There is one extremely elegant resolution of above mentioned problems suggested by Charles Berner and mathematically supported by B. Percinkova given in the newly developed Information or Lila Paradigm.

(See: http://mmlab.seeu.edu.mk/biljana, http://www.lilaparadigm.org). The book on the new paradigm titled “Hundred and two hours with Charles Berner is being written by Percinkova and given for review.

GOING DEEPER:

There is Absolute. There is Truth, cosmic consciousness, direct experience of the Divine: there is the Eternal Being which is God, Love, Truth. That is our essence and the essence of all that exists; that is the field of pure potentiality of infinite possibilities from which the Existence enfolded, and, finally, we, ourselves. That is the deepest source of the Creation from which everything originated, and which, itself, is without origin. To be able, in one, infinitely precious moment of direct experience to be back to this state of pure potentiality - means to experience directly our true nature which is God, Love, Truth; this means to get direct consciousness as an answer to the eternal questions of the mankind: "Who am I? ", "What is God?", "What is life?", "What is another human being?". The one who is able to come back to this state of pure potentiality, into this field of infinite possibilities - he is now able to create (being the same as the source). He (she) could create his (her) own life, becomes subject who now makes decisions about his (her) own life and destiny instead of being its toy.

This is a moment of de-identifying of all false identities, of everything with which I have identified myself in order to function (including identities as: I am mother, I am Macedonian, I am my physical body), until I come to that from which I could never de-identify, because finally that is my True nature.

The Hindus calls the Absolute - Brahman, and the one who experienced it directly Brahmavid: the one who has seen Brahman. Brahman is the Rootless Root and the Causeless Cause; it exists from the beginningless beginning to the endless end. Although above all our concepts, ideas and power to express it, nevertheless paradoxically it has three attributes, and these attributes are: sat, chit and ananda, existence, consciousness and love (or bliss); all-existence, all pervading consciousness and Love. Because my innermost nature is at the same time the essence of the another-human being (really, although there are black and white people, men and women, young and old--there have to exist something which makes them all be called with ones name: human beings), out of this state of oneness, there emerges tremendous love towards the another. If I am one with the other human being, if in his innermost essence he Is the same as me, if, when I talk to him I actually talk to myself - then I Could not hate him, but only love him; his true nature is my true nature: love, Truth. Absolute.

Jesus, Buddha and Mohammed were teaching, in the essence, just one: that God is Love.

In "*Ramayana* ", Hanuman, who is head of the army and who is ready every moment to die for Rama, his God - in one moment addresses Rama with the words:

"*Before I realized Thee, O Rama, I was Thy servant;*
now, after I realized Thee, I am Thee."

These words are the words of Jesus: *"Me and my Heavenly Father are one!"* or Mohammed's: *"I and Allah are one, but yet I am 1, and Allah is Allah."*

What is the relationship between the Creator and its creation, between the eternal and the transient, between the manifested and unmanifested? This is probably the key question for every psychonaut into the inner worlds, question central to many of the holy writings. The famous "Book of the Path" or "Book of Tao" (“Tao Te Ching") by Lao Tsu, begins precisely with this; it says:

The Tao that can be expressed
is not eternal TAO.
The name that can be named
is not the eternal name.
"Non-existence" I call the beginning of Heaven and Earth.
"Existence" I call the mother of individual beings.
Therefore does the direction towards non-existence
lead to the sight of the miraculous essence,
the direction towards existence
to the sight of special limitations.
Both care one in origin
and different only in name.
In its unity it is called the secret.
The secret's still deepest secret
In the gateway through which all miracles emerge.

This is miraculous way to say that the Unmanifested, eternal (that without name or "non-existence" as called in the Book), and the Manifestation, the created universe, the nature and finally, we ourselves (what can be named, "Existence") are there simultaneously, they are unspeakable and eternally interweaved. *"Both are one in origin, and different only in name”.*

The great Heart Sutra, the one with which the Buddhist begin their zazen (sitting in Emptiness), begins with:

"Form is Emptiness, Emptiness is Form,
All which is form is emptiness,
And all which is emptiness --- form."

Again, the Emptiness is Tao, the Eternal Being, that of no name; Form is manifestation, nature, we ourselves. In Zen this is said in many different ways (although Zen does not tolerate words and empty concepts). So, Gassan says: *"Birth is Buddha, and death is, Buddha.”* To this, Tozan answers: *"Neither birth is Buddha, nor death is Buddha.”*

In Buddhism, Buddha is much more than Sakyamuni Buddha, who lived historically six centuries before Jesus. Buddha in Buddhism is our true nature. So, the above mentioned koans are a way to say that Buddha, our true nature, which is unborn, eternal and undead, appears both into the transient, the manifestation (birth and death) and into the absolute (neither birth nor death). At the same time this shows the way towards the freedom of death. If both birth is Buddha, and

death is Buddha (and Buddha is eternal, unborn and undead), than there is no birth and there is no death; if neither birth nor death is Buddha, and Buddha is the only reality - than again death has no reality.

As for the Hinduism, this idea that the divine interweaves the existence, we meet many times in Bhagavat Gita, "The Song of God" (which is part of Mahabharata). Here, Lord Krishna (the divine principle) addresses Aijuna (the waiter) with the words:

"After I embraced all words, all that remain is Mc"
And also:
"In all three big words, O You son of Pitha,
There is no job I have not done,
Nor there is a gift I have not received;
Yet I act here."

This is way of self-realization; if self-knowledge is direct awareness that my true nature is God, Love, Truth - at the same time self-realization is manifestation of that true nature, which is divine in its essence. In this way our life gets a goal, and this goal is quest for God, and our life gets meaning, and this meaning is realization of our true nature, which, by its innermost essence is divine. Out of the direct experience that the other human being and me are one, there emerges tremendous love, which we have to manifest in our lives.

Апстракт

Во оваа статија се дадени интерпретациските потешкотии во квантната механика и претставени се квантни епистемолошки прашања во кои се вклучени конфликтните идеи на Ајнштајн и Бор, дефиниција на колапсот на Шредингеровата бранова функција, интерпретации врз основа на свеста итн. Претставените алтернативи одговараат на наивниот реализам (група - повеќесветовна интерпретација), теоријата на скриени варијабли на Дејвид Бом, Копенхаген интерпретацијата на Нилс Бор за влијанието на набљудувачот, квантната логика на Џон фон Нојман и др. Разгледана е теорија заснована врз идејата за материјата и свеста како различни онтолошки категории кои ги соединуваат трансценденталниот монизам, дуализмот и материјализмот под претпоставката за реалноста на еден универзален набљудувач, многу индивидуални набљудувачи и материјата. Проблемите со вештачката интелигенција (теоријата на Гедел за некомплетност, Туринговиот тест) се разгледани низ призмата на оваа теорија.

Предложено е разрешување преку Информационата парадигма на Бернер.

Онтологии коишто припаѓаат на модерната, исто како и на древната философската мисла, исто така се дадени.

Bibliography and References

Armstrong, D.M. (1981) *The Nature of Mind and Other Essays* Ithaca, New York: Cornell University Press.

1. Atwater, P.M.H (1996) *"Future Memory: How Those Who See the Future Shed New Light on the Workings of the Human Mind"*, Birch Lane Press: New York City.
2. Berner, C. and Sosna, M. (2006) : *Consciousness of Truth; A Manual for the Enlightenment Intensive* National Meditation of Australia Inc, New South Wales.
3. Bohm, D. (1980) *Wholeness and the Implicate Order*, London: Routledge and Kegan Paul.
4. Bohr, N. (1958) *Atomic Physics and Human Knowledge* New York: Wiley.
5. Davis, P. (1980) *Other Worlds*, Reprint 1996 London: Penguin.
6. Davis, P. (1983) *God and the new Physics*, Reprint 1990 London: Penguin.
7. Everett, H. (1957) '"Relative State" formulation of quantum mechanics' *Rev Mod Phys* 29, 454-462.
8. Gomatam, R.V. *Real and Artificial Intelligence: Can Machines Think?* Lecture held at University of Berkley, CA, USA, September 1995.
9. Gribbin, J. (1984) *In Search of Schroedinger's Cat*, London: Bantam Books.
10. Laszlo, E. (1996) 'Subtle Connections: Psi, Grof, Jung and the Quantum Vacuum' *Dynamical Psychology* 1.
11. Minsky, M. (1981) *A Framework for Representing Knowledge,* cited in Hagueland, J. *Mind Design* MIT Press.
12. O'Donell, S. (1996) *Future Memory & Time: A New Skill of Mind* Wholesaler Unique.
13. Percinkova, B.R. (1994) *Relativity, Chaos, Gödel* Skopje: Sojuz na TIL.
14. Percinkova, B.R. (1999) *Book of Self – Scientific and Philosophic Basis of Consciousness,* Skopje: University "St.Cyril and Metodi" – Makedonski Konaci.
15. S.C Dukovska, Biljana Percinkova, Charles Berner*: "Multi Agent Model based on its Information States presenting Consciousness for Physical Phenomenon-Information Paradigm and its Applications"*, Toward a Science of Consciousness, Hong Kong, June 11-14, 2009; Brain, Mind, Technology; Supported by Arizona State University

658.56:[004.62 : 519.23

Проф. д-р **Здравко СТОЈАНОСКИ**

СТАТИСТИЧКА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ НА ИНФОРМАЦИИТЕ

Апстракт

Функцијата на управување донесува одлуки врз основа на информациите.

Со контролата на квалитетот на податоците се откриваат изворите на грешките и се мери нивното влијание врз контролата на квалитетот на информациите.

1. Вовед

Квалитетот го употребуваме како мерило за задоволување на потребите на општеството во целина. Во таа смисла, посебно може да се разгледува квалитетот на производи и услуги, квалитет на услови за работа, квалитет на средства за работа, квалитет на информациите и тн.

Информациите претставуваат производ на информациониот систем и како такви поседуваат употребна вредност, односно способност на задоволување на потребите на корисниците. Како корисник се јавува функцијата на управување која донесува одлуки врз основа на информациите. Квалитетот на управувачките одлуки ќе зависи од квалитетот на информациите. Значи, квалитетот на информациите е многу битна компонента за ефикасно функционирање на претпријатието.

Квалитетот и контролата на квалитетот на информациите не можат да се разгледуваат парцијално, бидејќи претставуваат еден комплексен систем во целокупниот производен процес на информации. Контролата на квалитетот не може да се свати само како завршна алка во производниот синџир, туку како ангажирање на сите производни сили пред, во текот и по завршувањето на производствениот процес на информации.

Суштински активности на контролата на квалитетот на информациите во сите фази на производниот процес се да обезбеди квалитет на информациите коешто ќе овозможи донесување квалитетни одлуки од страна на управувачката функција во претпријатието, а воедно кај секој работник вклучен во процесот на производство на информации да развие чувство за самоконтрола, творештво, заинтересираност за квалитет и одговорност за квалитет.

Улогата и задачата на контролата на квалитетот на информациите треба да се постави во смисла на управување со функциите во производниот процес на информации, заради унапредување на квалитетот, а не може таа да се идентификува само со верификација на работењето. Грижата за квалитетот има за цел намалување на грешките и различните недостатоци при создавањето на информацијата како производ, а не кога производот ќе биде завршен, односно кога информацијата ќе биде произведена.

Контролата на квалитетот треба да биде заснована врз современи концепции и изведувања од високостручни кадри.

Од целта и задачите на контролата на квалитетот зависи нејзината концепција.

2. Контрола на квалитетот при прибирањето и шифрирањето на податоците и информациите

Основна цел на контролата на квалитетот на податоците и информациите при нивното прибирање и шифрирање е контрола на точноста на податоците при нивното прибирање и точноста при шифрирањето на податоците.

Со контролата на квалитетот на податоците се откриваат изворите на грешките и се мери нивното влијание.

Како основен параметар за мерење на квалитетот на податоците при сукцесивна контрола ќе биде варијансата на одговорот.

Да претпоставиме дека единиците во извадокот се избрани со еднаква веројатност. Оцената на веројатноста за определена карактеристика X на појавата е:

$$P_{tu} = \frac{1}{n}\sum_{j=1}^{n} x_{jtu}$$

каде n - број а на единици во извадокот во обидот t да се врши контрола под општи услови U. Нека е $x_{jtu} = 1$ за $j \in K$ и $x_{jtu} = 0$ за $j \notin K$, а K - определена особина на појавата.

Вистинската веројатност на таа карактеристика X на појавата нека е:

$$P = \frac{1}{N}\sum_{j=1}^{N} x_{ju}$$

Очекуваната вредност од p_{tu} ја претставува средната вредност на веројатноста во сите обиди вклучувајќи ги сите можни извадоци и сите можни одговори под општи услови кои важат и при прибирањето на податоците и при контролата, односно

$$P_u = Ep_{tu}.$$

Нека е $P_{ju} = Ex_{jtu}$ очекувана вредност за j-тата единка во сите обиди t и нека е:

$$d_{jtu} = x_{jtu} - P_{ju}$$

отстапување на одговорот за j-тата единка во обидот t да се врши контрола, и очекуваната вредност во сите обиди. Аналогно

$$D_u = P_u - P$$

е пристрасност на оценката p_{tu}. Средната квадратна грешка на оценката (MSE) е

$$MSE(p_{tu}) = E(p_{tu} - P)^2 = E(p_{tu} - P_u)^2 + (P_u - P) = \sigma^2_{ptu} + D^2_u.$$

Првата компонента е тотална варијанса на оценката p_{tu}, а втората е пристрасност на оценката. Најчесто не може да се измери пристрасноста D_u но, понекогаш може да се дефинира соодветна апроксимативна оценка за P користејќи супериорна процедура на мерење, а со тоа апроксимативно да се определи пристрасноста.

$MSE(p_{tu})$ ја мери точноста на оценката p_{tu} односно, тоа е мера на варијациите на p_{tu} во однос на P.

Тоталната варијанса, т.е. нејзиниот корен ја мери прецизноста на оценката p_{tu} односно, прецизноста се однесува на очекуваната вредност на оценката и зависи од големината на извадокот.

D_u не зависи од големината на извадокот. Значи, точноста се однесува на вистинската вредност P која ја оценуваме, а прецизноста на очекуваната вредност на оценката. Една оценка може да биде многу прецизна, а во исто време многу неточна.

Разложувањето на тоталната варијанса на варијанса на извадокот и варијанса на одговорот има фундаментално значење, односно

$$G^2_{P_{tu}} = E(p_{tu} - P_u)^2 = E\left[(p_{tu} - p_u) + (p_u - P_u)\right]^2 =$$
$$= E(p_{tu} - p_u)^2 + E(p_u - P_u)^2 + 2E(p_{tu} - p_u)(p_u - P_u)$$

каде е $p_u = \frac{1}{n}\sum_{j=1}^{n} P_{ju}$ - средна вредност на условно очекуваните вредности за сите единици вклучени во посебен извадок, $P_{ju} = Ejx_{jtu}$ - условно очекувана вредност преку сите можни мерења за j-тата единка.

Првиот израз е варијансата на одговорот од p_{tu}, т.е.

$$\sigma^2_{\bar{d}_t u} = E(p_{tu} - p_u)^2 = E\left(\frac{1}{n}\sum_{j=1}^{n}(x_{jtu} - P_{ju})\right)^2 = E\left(\frac{1}{n}\sum_{j=1}^{n} d_{jtu}\right)^2 = E\left(\bar{d}_{tu}\right)^2$$

Hansen и Hurwitz[1] варијансата на одговорот ја претставуваат како

$$\sigma^2_{\bar{d}_t} = \frac{1}{n}E_{d^2_{jtu}} + \frac{n-1}{n}\cdot E(d_{jtu}d_{ktu})$$

каде очекувањата се земени преку сите можни обиди, вклучувајќи ги сите можни извадоци и сите можни одговори, односно

[1] Hansen, M.H.; Hurwitz W.N.: "Response errors in surveys", JASA, vol. 46, 1951

$\sigma^2_{\bar{d}u} = \frac{\sigma^2_{du}}{n} + \frac{n-1}{n} \cdot r_{du} \cdot \sigma^2_{du}$ $\sigma^2_{du} = E(d_{jtu} - E_{djtu})^2 = E_{d^2jtu}; (E_{djtu} = 0)$ проста варијанса на одговорот кој го рефектираат варијабилитетот на одговорот од обид до обид и

$r_{du} = E\left(d_{jtu} d_{ktu}\right) / \sigma^2_{du}$ е коефициент на корелација на отстапувањето на одговорот.

За овој труд интересна е и анализата на простата варијанса на одговорот:

$$\sigma^2_{\bar{d}_t} = Ed^2_{jtu} = E\left(x_{jtu} - p_{ju}\right)^2 = Ex^2_{jtu} + EP^2_{ju} - 2EP_{ju} - 2EP_{ju}x_{jtu}$$

бидејќи $x^2_{jtu} = x_{jtu}$ тогаш

$$\sigma^2_{\bar{d}_t} = EP_{ju} + EP^1_{ju} - 2EP^2_{ju} = E\left(P_{ju} - P^2_{ju}\right)$$

Сега кога овие вредности се земени преку сите единки во појавата простата варијанса на одговорот е:

$$\sigma^2_{du} = \frac{1}{n}\sum_{j=1}^{N} P_{ju}\left(1 - P_{ju}\right)$$

Шифрирањето на податоците може да го зголеми или намали нивниот квалитет, бидејќи тоа се врши пред да започне процесот на производство на информации, односно веднаш по прибирањето на податоците.

Шифрирањето опфаќа множество операции за доделување на нумерички код (шифра) на атрибутивниот одговор на определени прашања во прашалникот, според важечките кодекси на шифри, номенклатури и класификации, и тоа е од посебно значење за квалитетот на податоците.

Процесот на шифрирање може да се претстави како множество од интелектуални и физички операции кои во практиката не се одвоени.

Операциите од интелектуална природа бараат добро познавање на доменот на шифрирање како и содржинската компонента на истражувањето.

Операциите од физичка природа бараат коректност во запишувањето на шифрите во точно определените места на прашалникот.

Секоја од овие операции носи во себе ризик од искривување на информациите. Во текот на процесот на шифрирањето квалитетот на податоците може значително да биде намален ако се предизвикани следниве два вида грешки:

1. грешки во интелектуалната интерпретација, кои можат да произлезат од неконкретна анализа на информациите или недостаток на познавање на доменот на користената номенклатура и класификација, а особено доменот на покомплексните системи на шифрирање. На тој начин, се предизвикуваат грешки од системски карактер коишто значително го намалуваат квалитетот на податоците;

2. грешки во физичкото запишување на шифрите, кои имаат најчесто случаен карактер и резултираат поради невнимание, или нејасно запишување на шифрата. Грешките од случаен карактер, не предизвикуваат значително намалување на квалитетот на податоците. Без оглед на видот на грешките се наметнува потребата за верификување на шифрирањето. Шифрирањето и верификувањето на шифрирањето се независни процеси. Квалфикациите и искуството на луѓето што вршат верификување (контрола) на шифрирањето се на повисокот ниво од квалификациите на луѓето кои вршат шифрирање. Шифрирањето треба да се следи, одржува и унапредува преку следниве активности:

-Нормализација на шифрирањето од едно истражување до друго;

- директен упис на шифрите со прости кодови, без повторно прешифрирање;

- интеграција во можните мерења, логичко поврзување на шифрите;

- консултации со креаторите на системите на шифрирање;

- обезбедување експлицитна презентација на можните регистри за шифрирање;

- избор на правовремени фундаментални информации при проверка на системот на шифрирање;

- непрекинато водење на ажурна документација за сретнатите проблеми на шифрирање и решенијата кои се навремено донесени.

Контролата на шифрирањето има за цел да ги открие и исправи настанатите грешки. Таа се врши преку:

- утврдување на контролни бројки;

- испитување на граничните вредности;

- испитување на зависностите;

- испитување на структурата на полињата.

Контролата со помош на утврдување контролни бројки се состои во додавање контролни броеви определени со соодветна пресметковна постапка на секоја шифра.

Контролата преку утврдување на гранични вредности се спроведува такашто се утврдува кои најголеми односно, најмали вредности можат да ги земат ознаките во шифрата.

Контролата преку испитување на зависностите се сведува на утврдување на постоење на логичка зависност меѓу шифрата и податокот на којшто се однесува.

Контролата преку испитување на структурата на полињата се состои во откривање на формалните грешки во шифрите кои не мораат 100% да бидат откриени со некоја друга контролна метода.

Максмиален ефект од сите овие методи за контрола на квалитетот на прибирањето и шифрирањето на податоците ќе се постигне само со користење на компјутери.

Резиме

Информациите претставуваат производ на информациониот систем и како такви поседуваат употребна вредност, односно способност на задоволување на потребите на корисниците. Како

корисник се јавува функцијата на управување која донесува одлуки врз основа на информациите.

Контролата на квалитетот на информациите, не може да се свати само како завршна алка во производниот синџир, туку како ангажирање на сите производни сили пред, во текот и по завршувањето на производствениот процес на информации.

Основна цел на контролата на квалитетот на податоците и информациите при нивното прибирање и шифрирање е контрола на точноста на податоците при нивното прибирање и точноста при шифрирањето на податоците.

Со контролата на квалитетот на податоците се откриваат изворите на грешките и се мери нивното влијание.

Abstract

The base of the decision making of a management function is the information.

With data quality control, the error sources are uncovered and their influence over the quality control of the information is measured.

Литература

1. Стојаноски,З.:"Статистика за бизнис", Европски универзитет, Скопје, 2009 год.
2. Стојаноски,З.:"Веројатност и статистика", Европски универзитет, Скопје, 2009 год.
3. Ивановиќ, Б.: "Теориска статистика", Научна књига, Београд, 1973год.
4. Laudon, K,C., :"Management Information Systems ", Prentice Hall,Inc.1998
5. Балабан, Н., Ристиќ,Ч., Ѓурковиќ, J., :"Принципи информатике", Савремена администрација, Београд, 1996 год.
6. Стојаноски,З. : "Квантитативни методи ", Прилеп, 1990 год.

621.395.721.5:004.7

Доц. д-р **Сашо ГЕЛЕВ, Илија КУМБАРОСКИ**

ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЖИВОТНИОТ ВЕК НА БЕЗЖИЧНИТЕ AD HOC МРЕЖИ

Апстракт

Безжични мрежи најчесто се составени од голем број на уреди кои се конструирани така да можат да процесираат податоци, содржат меморија и секако имаат способност за безжична комуникација. Доколку станува збор за ad hoc мрежи, тогаш овие уреди меѓусебно се поврзани преку кратки ad hoc радио врски. Ваквиот тип на мрежи немаат претходно инсталирана (планирана) инфраструктура така што целата комуникација се одвива преку multi-hop трансмисии (пренос) каде што секое теме испраќа пакети до неговиот комуникациски сосед, кој многу често може да се променува.

Секое теме во ad hoc мрежата има ограничен извор на енергија (батерија) кој придонесува за негово функционирање, односно му обезбедува одреден животен век. Основен проблем кај безжичните мрежи претставува минимизирањето на потрошувачката на енергијата.

Целта на овој труд е обработка на проблемот на broadcast и multicast во големи ad hoc безжични мрежи кои се состојат од повеќе темиња и кај кои е голем бројот на скокови од едно до друго теме. Фокусот ќе биде на правилно искористување на енергијата со цел да се продолжи животниот век на мрежата каде што имаме темиња кои динамички ја контролираат својата моќ за трансмисија.

Клучни зборови: *Безжични, Ad Hoc, мрежи, minimum-energy мрежи, energy-efficiency, broadcast алгоритми, дистрибуирани алгоритми, теме, MLMH протокол, Minimum Spanning Tree*

1. Вовед

Најважен механизам за испраќање на податоци помеѓу темињата во безжичните мрежи е broadcast комуникацијата. Овие видови на мрежи немаат претходно дефинирана структура, која многу често може да се менува, функционираат како дистрибуиран систем т.е. користат

дистрибуиран хардвер, имаат дистрибуирана контрола како и дистрибуирани податоци. Во овие ситуации кога имаме голем број на темиња со динамичка структура, broadcast-от се наметнува како основен вид на комуникација.

Кај безжичните Ad hoc мрежи (Wireless Ad Hoc Networks – WANET) секој мобилен хост (теме) во мрежата најчесто се напојува од страна на ограничен извор на енергија (*Manki Min , Panos M. Pardalos*). Се додека овие темиња се зависни од ограниченият извор на енергија, потребно е да се пронајде ефикасна рутирачка патека, која ќе заштеди енергија т.е. да се најдат оптималните патеки за рутирање во WANET. Во овој случај во предвид треба да се земе трошокот за испраќање на пакетите, нивното примање па дури и отфрлањето на истите.

Меѓутоа, кај повеќето WANET мрежи од поголема важност е вкупниот работен животен век (life time) на мрежата, отколку енергијата која е потребна за пренос на пакетите. Животниот век на WANET мрежата зависи од животниот век на индивидуално теме кое се напојува со батерија. Па затоа, доколку целосно се искористи енергијата т.е. се испразни батеријата, ќе дојде до пад на линковите, а со тоа и пад на преносот на податоците. Заклучок од ова е дека потребно е да се посвети внимание на максимизирање на животниот век за работа на мрежата.

Во овој текст, ќе се посветиме на максимизирањето на животниот век на мрежата со цел да се продолжи нејзината работа и функционалност на истата.

Од друга страна, важна улога во WANET мрежата има и бројот на скокови (hop cout) во едно multicast дрво. Познато е дека WANET мрежите се доста нестабилни и недоверливи т.е. лесно може да дојде до исклучување на некој од нејзините линкови. Поради тоа кај големите рутирачки патеки т.е. патеките со голем број на скокови постои голем ризик од губење на пакетите.

Со зголемување на бројот на скокови, се зголемува и бројот на ретрансмисии. Во овие ситуации се користат рутирачки алгоритми кои ја одбираат најкратката патека.

2. Основа за решавање на проблемот

Проблемот околу минимизирањето на потрошувањето на енергијата кај сите безжични мрежи, во последните години привлекува големо внимание со цел откривање на соодветно и функционално решение. Инспирација за решавање на овој проблем е добиена од резултатот при решавањето на проблемот за broadcasting со најмала енергија во безжичните

мрежи како и од успешната работа на Jeffrey E. Wieselthier [1]кој го има воведено node-based multicast моделот врз кој се развиени неколку broadcast и multicast алгоритми.

Основна работа на BIP алгоритамот е да конструира дрво кое започнува од некоја почетна точка (извор) и притоа минимално да се искористува енергијата. Дрвото се конструира така што најпрвин се открива темето кое изворот може да го регистрира со минимално користење на енергија. Откако ќе се додади новото теме, BIP продолжува со пребарување на ново теме кое може да се додади со минимален трошок.

BIP е сличен како и Prim алгоритамот, каде што секое ново теме се додава во мрежата само еднаш, врз основа на минимален трошок (пат), се додека сите темиња не бидат додадени. Кај Prim, трошок се поистоветува со тежината на линкот со кој новото теме се прикачува кон мрежата. Кај BIP, трошокот се поистоветува со инкрементираниот (зголемениот) трошок потребен за ставање на новото теме.

Доколку трошокот на линкот помеѓу темето i и темето j е P_{ij}, и темето i во моментот испраќа на ниво $P(i)$, тогаш инкрементираниот трошок за конектирање со темето j е:


$$P'_{ij} = P_{ij} - P(i) \qquad (1)$$

Алгоритамот на *Prim*, како влезна информација ја зема P_{ij} и таа останува непроменета при процесот на извршување на алгоритамот. Наспроти тоа, кај BIP алгоритамот како влезна информација се зема P'_{ij} која мора да се обновува при секој чекор. Исто така, недостаток кај BIP алгоритамот е тоа што не гарантира дека ќе се креира дрво со минимален трошок.

3. Energy efficient метрики

Како главна мерна единица, карактеристична за ad hoc рутирачките алгоритами е вкупната потрошена енергија. Меѓутоа, минималното трошење на енергија може да резултира со негативен ефект (Maggie Xiaoyan Cheng et all). Имено може да се случи одредени темиња во мрежата да се користат почесто, со што им се намалуваат ресурсите на тие темиња за разлика од темињата кои поретко се користеле.

[1] Jeffrey E. Wieselthier - истражувач и автор на повеќе трудови од областа на безжичните мрежи. Еден од најзабележливиот придонес на неговата работа е Broadcast Incremental Power (BIP) алгоритамот.



Сл. 1 Broadcast со минимална енергија

За било која broadcast сесија со испраќач сместен во десната половина од мрежата, темето А ќе биде избрано за единствен препраќач на пакетите до сите темиња од левата половина. Со оваа постапка, енергетските ресурси на темето А побрзо ќе се потрошат во однос на другите темиња. Кога А целосно ќе ја потроши енергијата, животниот век на мрежата завршува, иако другите темиња располагаат со енергија.

И покрај главната улога на вкупната енергија, која брзо се троши, максималната потрошувачка на енергија на секое теме е втората по важност мерна единица. Исто како за темето А во горниот пример, така и за било кое друго теме кое се напојува од батерија и се наоѓа на такво место каде што е невозможно да се замени истото, потрошувањето на енергијата резултира со прекин на работа на еден дел или целата мрежа. За да се избегне падот, се користат соодветни алгоритами со кои се обезбедува максимален животен век на темињата во една мрежа.


4. Безжичен комуникациски модел

Структурата на безжичните Ad hoc мрежи наликува како на комплетен граф претставен со точки, притоа секоја точка претставува безжично теме (M. Adler, C. Scheideler). Енергијата која се троши од страна на безжичното теме се состои од две компоненти: енергија за примање/процесирање и енергија за пренесување.

При комуникацијата, претпоставуваме дека енергијата која се троши при процесот на пренесување на податоци е доминантна додека пак

енергијата која е потребна за примање и процесирање на податоците е занемарлива. Од ова можеме да заклучиме дека најголемо учество во потрошена енергија во целокупниот процес има преносот на податоците.

Да претпоставиме дека јачината на применият сигнал е пропорционална на r^{Θ}, каде што Θ е параметар помеѓу 2 и 4 во зависност од комуникацискиот медиум кој го користиме, а r претставува растојанието помеѓу две темиња. Ја поставуваме граничната вредност за детектирање на сигналот да биде еднаква на C, што подоцна може да се нормализира на 1. Според тоа, јачината која е потребна за комуникација помеѓу темето i и темето j е: $P_{ij} = r^{\Theta}{}_{ij}$, каде r_{ij} претставува растојанието помеѓу темињата i и j. Друг случај имаме кога би претпоставиле дека се користат omni-directional антени, па доколку темето i испраќа на ниво $P(i) = r^{\Theta}$, сите темиња кои се во границата r од темето i можат да примаат сигнал. На пример, би ја разгледале ситуацијата која е претставена во сликата подолу, $r_{ij} > r_{ik}$ каде што темето i претставува изворот додека темињата j и k се дестинации.




***Сл. 2* Споредба на две рути: i → j, и i → k → j**

Во случајов имаме две ситуации на пренос од едно до друго теме. Една ситуација е дека темето i пренесува на power level P_{ij}, па затоа и двете темиња j и k можат да го наслушнат сигналот. Другата ситуација е дека темето i пренесува на power level P_{ik} а темето k пренесува на power level P_{kj}. Со ова, можеби резултатот нема да биде помалку потрошена вкупна енергија, но добиваме балансирање во потрошувачката на енергијата со што се максимизира животниот век на мрежата.

5. Дефинирање на проблемот

Како што спомнавме погоре, преостанатата енергија на батеријата во одредено време на темето i е Ei. Во source-based multicast дрво потрошувачката на енергијата на секое теме е определена со растојанието до неговите темиња деца.



Сл. 3 **Multicast дрво**

На пример, на сликата горе, максималната потрошена енергија на темето 3 е max($P_{3,1}$, $P_{3,2}$, $P_{3,5}$).

Нека *ri* биде растојанието од темето *i* до неговото најоддалечено теме дете. Потрошената енергија на пакет од темето i во едно multicast дрво е *T*, дефинирана како P(T, i):

$$P(T,i) = \begin{cases} E_{elec} + Kr_i^{\theta} & \text{ако i е изворното теме} \\ E_{elec} + Kr_i^{\theta} + E_{recv} & \text{ако i не е ниту извор ниту дестинација} \\ E_{recv} & \text{ако i е дестинација} \end{cases} \quad (2)$$

каде:

P(T,i) - е потрошена енергија при испраќање на пакет од темето i;
E_{elec} - е константа со која се означува пречекорување при трансмисија на пакет и не зависи од растојанието;
E_{recs} - е потрошена енергија при примање на пакет;

K - е константа со која се означуваат својствата на антената;
r_i - е растојание од темето *i* до неговото најоддалечено теме дете;
θ – се однесува на растот на загубата и има вредност помеѓу 2 и 4;

Потоа се пресметува животниот век на темето. Најчесто, животниот век на темето трае колку што е максималниот број на пакети кои можат да бидат испратени од тоа теме. Изразено со формула:

$$L(T,i) = \frac{E_i}{P(T,i)}, \tag{3}$$

каде што:
Ei - е преостанатата енергија на темето i.
L(T,i) – е животниот век на темето i во multicast дрвото T.

Нека темето со минимален животен век во едно multicast дрво *T* биде bottleneck[i] теме за тоа дрво. Според тоа животниот век на дрвото T е еднаков со животниот век на темето *i*. Изразено со формула:


$$LT(T) = \min_{\forall i \in T} LT(T,i) = \min_{\forall i \in T} \frac{Ei}{P(T,i)} \tag{4}$$

Од сето ова произлегува дека максимизирањето на животниот век на multicast дрвото е еднакво со максимизирањето на животниот век на bottleneck[i] темето во дрвото.

6. Карактеристики на Minimum Spanning Дрво (MST)

Во еден ненасочен граф со повеќе мегусебно поврзани темиња, spanning дрвото претставува негов подграф, кој поврзува група од темиња. Исто така, еден граф може да содржи повеќе различни spanning дрва(Song Guo, Oliver Yang). Секој раб од spanning дрвото може да има своја тежина, така што сумата од сите тежини од сите рабови претставува тежина на spanning дрвото. Кога тежината на spanning дрвото е помала или еднаква на тежината од сите други spanning дрва во графот, велиме дека spanning дрвото е минимално spanning дрво или spanning дрво со најмала тежина.

За да видеме дека минималното spanning дрво има најкраток пат (раб) или најмала тежина помеѓу сите spanning дрва, ќе се послужиме со следниот пример.



Слика 4. Minimum Spanning Tree

Во приказот погоре (а), со помош на MST (кај дрвото) *T* го одредуваме најдолгиот раб e(i, j) кој поврзува две конектирани компоненти (прикажано како затемнати области во делот (б)). Да претпоставиме дека за секое друго spanning дрво *T'*, најдолгиот јазол ќе биде e(u, v) и дека:|e(i, j)| > |e(u, v)|.

Со ова можеме да дојдеме до спротивното т.е. да докажеме дека *T* не е Minimum Spanning Tree. Најпрвин треба да се пронајде јазол во *T'* кој поврзува два дела од поврзани темиња. Тој јазол ќе го нарекуваме e(x, y) како што е прикажано во фигурата (c).

Случај 1:

Работ e(x, y) е различен од работ e(i, j)

Се додека|e(u, v)| ≥ |e(x, y)|, и во случај кога |e(i, j)| > |e(u, v)|, тогаш имаме |e(i, j)| > |e(x, y)|. Во првиот случај MST T, доколку ги замениме e(i, j) со e(x, y) како што е прикажано во фигурата (d), тогаш ќе добиеме spanning дрво *T''* кое е поисплатливо наместо дрвото T.

Случај 2:

Произлегува дека работ e(x, y) да биде ист со работ e(i, j). Ова води до друга контрадикторност: |e(i, j)| > |e(u, v)| ≥ |e(i, j)|.

После ова, можеме да заклучиме дека minimum spanning дрвото *T* го има најкраткиот раб (има најмала тежина) помеѓу сите spanning дрва.

7. MLMH Протокол (Maximum Lifetime and Minimum Hop-бројач)

7.1. Објаснување на MLMH алгоритамот

Целта на овој алгоритам е да го продолжи работниот век на едно multicast дрво преку продолжување на животниот циклус на bottleneck темињата. Тоа се постигнува со промена на темињата "деца" на bottleneck темето.

Овој алгоритам како иницијални дрва ги користи или SPT (Shortest Path дрво) кој нема да го разгледаме во овој труд или MST (Minimal Spanning дрво) кој што го објаснавме погоре. Исто така треба да се знае дека доколку се промени едно bottleneck теме, тогаш добиваме друго multicast дрво кое ќе се именува како *T'*. Да претпоставиме дека bottleneck темето од дрвото T ќе биде *i*, негово најоддалечено "дете" теме е *x* додека пак темето j претставува ново додадено "родител" теме на *x* во дрвото *T'*. Овој процес може да се одбележи како $Change_{i,j}\, X$.

Разликата помеѓу животниот циклус на двете дрва е:

$$LT_gain(T, x, i, j) = LT(T') - LT(T) \tag{5}$$

Од ова следува дека релативниот пораст на животниот век е дефиниран како:

$$\begin{aligned} rLT_gain(T, x, i, j) &= \frac{LT_gain}{LT(T)} = \frac{LT(T') - LT(T)}{LT(T)} \\ &= \frac{LT(T')}{LT(T)} - 1 \end{aligned} \tag{6}$$

каде:
LT(T) – животен век на multicast дрвото T;
LT(T') – животен век на multicast дрвото T';
LT_gain – порастот на животниот век;

Покрај тоа што знаеме дека секое leaf теме претставува дестинациско теме, ние го дефинираме максималниот број на скокови во дрвото како длабочина на истото т.е. се дефинира должината од изворното теме, па се до најоддалеченото leaf теме. Овде воведуваме HT(*T*) да биде максималниот број на скокови во дрвото *T* додека пак HT(*T'*) ќе биде максималниот број на скокови во дрвото *T'*. Кога дрвото *T* се променува во дрво *T'*, разликата на релативниот максимален број на скокови е дефиниран како:

$$rHT_price(T,x,i,j) = \frac{HT(T') - HT(T)}{HT(T)} = \frac{HT(T')}{HT(T)} - 1 \tag{7}$$

Додека LT_gain(T, x, i, j) > 0, ЕЕМ го дефинираме како:

$$\begin{aligned} F(T,x,i,j) = \alpha \times rLT_gain(T,x,i,j) \\ -\beta \times rHT_price(T,x,i,j) \end{aligned} \tag{8}$$

каде што $\alpha + \beta = 1$. Вредноста на параметрите α и β може да биде избрана врз основа на две правила: поголема вредност на α ја означува важноста на релативниот lifetime gain т.е. важноста на зголемувањето на работниот век додека пак поголема вредност на β означува колкава е важноста на релативниот maximum hop count т.е. максимален број на скокови.

Да претпоставиме дека M претставува множество од соседите на темето x додека пак темето j^* претставува "родител" на темето *x*, ако и само ако вредноста на *F* претставува максимум:

$$F(T,x,i,j^*) = \max_{j \in M} F(T,x,i,j) \tag{9}$$

Врз основа на претходните анализи се креира хевристичен алгоритам, прикажан со следните чекори:

Чекор 1, Конструирање на иницијално multicast дрво:

Multicast дрвото е креирано како SPT затоа што заштеда на енергијата кај ова дрво е утврдена, односно докажана. Исто така треба да сметаме дека после креирањето на дрвото *T*, секое теме ќе ги знае своите "родител" и "дете" темиња во однос на изворното теме *s*.

Чекор 2, Селектирање на bottleneck теме:

Откако ќе се креира дрвото, изворното теме *s* ќе започне да ги бара т.е. пронаоѓа сите темиња, освен leaf темињата во дрвото *T*, со цел да го селектира темето со најмал животен век, почнувајќи од дното, па нагоре. Овој процес се објаснува со метод на математичка индукција.

Чекор 3, Промена на bottleneck темето:

Откако ќе биде селектирано bottleneck темето *x*, тогаш се проверува дали темето *x* го променил "родителот" од теме *i* во теме *j*. Најпрвин треба да се пресмета вредноста на LT_gain функцијата. Доколку вредноста е поголема од нула тогаш се пресметува и вредноста за EEM. Овој процес се повторува за секој сосед во листата од соседи на темето *x*. На крај, темето што ќе има најголема вредност за F, ќе биде нов родител за *x*. Доколку порастот на животниот век на секој сосед е помал од нула, тогаш се запира процесот, во спротивно се оди на чекор 2 и се повторува циклусот.

7.2. Анализирање на перформансите

Наредно што ќе обработиме е комплексноста на MLMH алгоритамот.

Теорема 1:

MLMH има временска комплексност од O(n x R), каде што n претставува бројот на темиња во мрежата а R е бројот на извршени кругови т.е. поминувања.

Доказ:

Комплексноста на селектирање на bottleneck темињата е O(n). Комплексноста за промена на темињата родител е O(1). Комплексноста на промената на дрвата е O(δmax), каде што δmax претставува максималниот број на соседи во областа која ја покрива темето. Според ова, вкупната комплексност на алгоритамот е: $O(R(O(n)+O(\delta max)))=O(n \ x \ R)$.Селектирањето на вредности за параметрите α и β во оптимизираната функција (7) може да има директен судир со перформансите на алгоритамот.

Случај каде α има вредност 1.

Теорема 2:

Кога α е еднакво на 1, MLMH се трансформира во L-REMIT алгоритамот.

Доказ:

Ако α е еднаква на 1, тогаш β ќе има вредност 0 и притоа EEM функцијата е еднаква на rLT_gain(T, x, i, j). Затоа што:

$$rLT_gain(T,x,i,j) = \frac{LT(T')}{LT(T)} - 1 \text{ и}$$

$$F(T,x,i,j^*) = \max_{j \in M} F(T,x,i,j) \text{ следува,}$$

Равенка. 1

$$j^* = \arg\max_{j \in M} F(T,x,i,j) = \arg\max_{j \in M} LT_gain(T,x,i,j)$$

Според тоа, гледаме дека MLMH алгоритамот е еквивалентен со L-REMiT [2]. Теоремата 2 обрнува внимание на тоа дека селектирањето на параметрите во оптимизираната функција е доста важно и дека соодветната селекција на параметрите резултира со добри перформанси.

7.3. Краток пример

Во примерот погоре (Сл. 3), да претпоставиме дека ги користиме следните вредности: K = 1.5, θ = 2, *Eelec* = 1, *Erecv* = 2, R = 3.5, α = 0.7 и *Ei* = 150 единици. Исто така да претпоставиме дека опсегот на трансмисија на секое теме е 4м, каде што во случајов имаме 12 темиња во multicast дрвото. Да земеме дека темето 4 претставува изворно теме, додека пак преостанатите темиња ќе бидат дестинации, освен темето со број 3 и 8. Bottleneck теме е обележано со реден број 3. Притоа

$$LT(T, 3) = 150/(1 + 1.5 \times 3.52 + 2) \approx 7.02$$

Поради тоа што темето 5 за темето 3 претставува најоддалечено "дете" теме, го разгледуваме неговото соседството и ќе откриеме дека темињата 6, 8, 9 и 10 се во листата. Ако се промени родителот на темето 5, односно негов родител стане темето 6, тогаш промената од T во T' се означува како $Change_{i,j}x$.

Да земеме во предвид дека растојанието помеѓу темињата 5 и 6 е 1.6 и ќе го именуваме како $d_{5,6}$, додека пак вредностите на останатите темиња се: $d_{5,9}$ = 2.6, $d_{5,10}$ = 3.5, $d_{5,8}$ = 3.6. После $Change_{i,j}x$, животниот век на новото дрво T' се пресметува на следниов начин:

[2] L-REMiT – дистрибуиран алгоритам кој служи за продолжување на животниот век на source-based multicast дрво

$$LT(T, 4) = 150/(1 + 1.5 \times 2.52 + 2) = 12.12.$$

Максималниот број на скокови на дрвото T е 4 додека пак за дрвото T' е 5. Од тука, со помош на равенката (7) ја пресметуваме вредноста за EEM: F (T, 5, 3, 6) = 0.4335. Наредно се пресметува:

$$LT_gain\ (T, 5, 3, 9) = 11.41,$$

$$F\ (T, 5, 3, 9) = 0.4387$$

и

$$LT_gain\ (T, 5, 3, 10) = 0.$$

Според ова, во сликата погоре (слика 3), гранката која се наоѓа помеѓу темињата 5 и 3 треба да биде избришана, а да биде додадена гранка помеѓу темињата 5 и 9.

8. Summary

In the text above we had illustrated the concepts of life cycle and the maximum number of hops of multicast tree in an ad hoc wireless communication network. It is shown algorithm named MLMH (Maximum Lifetime and Minimum Hop-count). Researches proved that this algorithm is better in performance than the SPT algorithm. Its advantage is the balance between the life cycle (life expectancy) and the maximum number of hops in a multicast tree and tries to improve the lifetime of bottleneck nodes in the initial multicast tree.

Key words: Wireless Ad Hoc networks, minimum-energy networks, energy-efficiency, broadcast algorithms, distributed algorithms, nodes, bottleneck nodes, MLMH protocol, Minimum Spanning Tree.

Литература

1. Manki Min , Panos M. Pardalos: *Total Energy Optimal Multicasting in Wireless Ad Hoc Networks:* Industrial and Systems Engineering Dept., University of Florida.
2. M. Adler, C. Scheideler: *Efficient communication strategies for ad hoc wireless networks*: Theory Computer Systems 33 (2000), 337—391
3. Maggie Xiaoyan Cheng, Jianhua Sun, Manki Min, Yingshu Li, Weili Wu : *Energy-efficient broadcast and multicast routing in multihop ad hoc wireless networks*

4. Song Guo, Oliver Yang: *Minimum-Energy Multicast in Wireless Ad Hoc Networks with Adaptive Antennas: MILP Formulations and Heuristic Algorithms*

[i] Bottleneck node – теме со најмала пропусна моќ, сместено на врвот и ја определува (ограничува) брзината на комуникација што треба да се изврши преку него.

00.75 : 004.455

Доц. д-р **Јован ПЕХЧЕВСКИ,**
Весна ГЕГА, **Илија КУМБАРОСКИ**

E-STUDENT: ДИСТРИБУИРАНА АПЛИКАЦИЈА БАЗИРАНА НА WCF 3-TIER АРХИТЕКТУРА

Апстракт

Windows Communication Foundation (WCF) претставува Microsoft инфраструктура, за прв пат именувана Indigo и интегрирана во Visual Studio 2008, за развој на сервисно ориентирана архитектури, каде сервисите се консумирани од клиентите. Клиентите може да консумираат повеќе сервиси и сервисите можат да бидат консумирани од повеќе клиенти. Краен резултат на сервисно ориентираниот дизајн е дистрибуиран систем составен од три или повеќе компоненти во чија комуникација посредник е сервисот.

*Со цел да го илустрираме овој нов концепт на сервисно ориентирана архитектура, во овој труд е прикажана наша веб дистрибуирана апликација со примена на трослојна архитектура и WCF. Апликацијата е именувана како **E-Student** и е наменета за студентска работа, односно олеснета евиденција на добиени оценки на студентите по предмети во дадени сесии. Употребата на сервисна архитектура во **E-Student** резултира со зголемена транспарентност, безбедност, скалабилност и повторна употреба на апликацијата. Во трудот е даден преглед на структурата, развојот и имплементацијата на **E-Student**, со посебен акцент на предностите од употребата на WCF сервисната архитектура.*

***Клучни зборови**: E-Student, 3-Tier архитектура, 2-Tier архитектура, дистрибуиран систем, сервис, WCF, клиент, сервер, транспарентност, скалабилност.*

1. Вовед

Концептот трослојна (3-Tier) архитектура, за разлика од client-server (или 2-Tier) архитектурата, освен податочен сервер и клиент, во својата структура содржи и т.н. сервер на среден слој (middle-tier server) [1]. Функционалноста на овој сервер може да биде разновидна, но намената единствена – да нуди сервис/и за потребите на клиентот и серверот. Тргнувајќи од фактот дека архитектурата се состои од три меѓусебно поврзани компоненти, може да се заклучи дека основна и најважна карактеристика е дистрибуираноста

на ресурсите. Во овој труд ќе го претставиме концептот трослојна архитектура, нејзината организација, основните функционалности, и многубројните предности и недостатоци од неговата примена.

Како илустрација на развојна апликација која користи ваков тип архитектура, во овој труд ќе ја претставиме апликацијата E-Student, која претставува систем каде корисничкиот интерфејс, апликацијата и базата на податоци се дизајнирани во облик на независни модули, односно независни логички процеси кои што може да бидат сместени на различни платформи, т.е. на различни физички локации.

3-Tier архитектурата е прилично нов и модерен концепт, кој е резултат на екстремно брзиот развој на технологијата, така што се јавила потреба од софтверски алатки кои ќе може да креираат сервисно ориентирани апликации. Идејата е овие апликации да можат да функционираат на дистрибуирани системи, односно да посредуваат помеѓу клиентот и серверот. Таква алатка, за прв пат понудена и интегрирана во Microsoft Visual Studio 2008, е Windows Communication Foundation (WCF), која функционира на .NET Framework платформата. Нејзиниот концепт на работа, кој е сличен со објектно ориентираните апликации, овозможува лесно и брзо прилагодување кон концептот на сервисно ориентираните апликации. Со помош на WCF во целост се реализираат сите три слоја: презентациски, апликациски, и податочен слој [4,5].

На почеток ќе дадеме опис на трослојната архитектура, за да потоа ја презентираме новата сервисно ориентирана технологија и алатка WCF. На крај, вниманието ќе го задржиме на нашата дистрибуирана апликација E-Student, развиена и имплементирана со помош на WCF 3-Tier архитектурата.


2. 3-Tier Архитектура и WCF

Во оваа секција ќе дадеме краток опис на 3-Tier архитектурата, нејзината споредба со 2-Tier архитектурата, трите слоја кои се составен дел од оваа архитектура, како и потребата и корисноста од овие слоеви. На крај, ќе се осврнеме на Windows Communication Foundation сервисната алатка и нејзините примени.

2.1. 2-Tier vs. 3-Tier Архитектура

2-Tier архитектурата се користи за опишување на клиент – сервер системи, каде клиентот поставува барање за одредени ресурси, а серверот одговара на тоа барање. Тоа значи дека клиентот и серверот директно комуницираат еден со друг, без посредство на друг уред или апликација која им нуди некаков сервис. Наједноставен пример за овој тип на архитектура е апликација која како клиент комуницира со база со податоци, која е сместена на податочен сервер (види Сл. 1).


***Сл. 1* 2-Tier Архитектура**



Ваквиот пристап често пати може да не е практичен и доверлив, па за таа цел дошло до раздвојување на кодот во клиентската апликација и т.н. бизнис логика во два посебни слоеви, со што се формирала 3-Tier архитектура. Значи, воведен е посредник, кој уште е познат како среден слој (middle-tier или middleware), чија основна намена е да одговара на клиентот со ресурсите побарани од истиот, но преку повикување или испраќање барање до друг сервер, најчесто податочен сервер.

Со други зборови, формирани се три слоја, именувани како: податочен слој, бизнис слој и презентациски слој (види Сл. 2).

Сл. 2 3-Tier Архитектура



Во 2-Tier архитектурата серверот има повеќенаменски функции, односно одговара на многубројни различни барања од страна на клиентот. За разлика од ова, во 3-Tier архитектурата секој што учествува во комуникацијата е оддалечен (одделен) еден од друг, така што секој сервер е одговорен за одредени задачи. Затоа, нејзини предности се: поголема флексибилност, поголема безбедност за секој сервис на секое ниво, подобрени перформанси од страна на брзина за извршување на барањата, подобрена скалабилност, како и зголемена транспарентност.

2.2. 3-Tier Архитектура: Податочен слој

Главен дел на скоро сите апликации се податоците, кои со помош на презентацискиот слој се прикажуваат на страната на клиентот. Ваквиот пристап на креирање посебен слој со специјална намена за чување на

податоците, е полесен за одржување бидејќи може истите да бидат користени и модифицирани многу пати (често), само со повикување на упити од странана на некој дел од сервисот. Најчесто, податоците се изложени на CRUD операции (create, read, update, delete).

2.3. 3-Tier Архитектура: Бизнис слој

Ова е слојот посредник, така што клиентите не пристапуваат директно до серверот, односно до базата со податоци, туку целата комуникација се одвива преку бизнис слојот. Со негова употреба максимално се зголемува повторната употреба на податоците, кодот, а со тоа и на апликацијата.

2.4. 3-Tier Архитектура: Презентациски слој

Презентацискиот слој служи за визуелно прикажување на податоците на клиентската страна. Најчесто функционира со помош на графички кориснички интерфејс (GUI), независно дали станува збор за web страна или windows форма, и е од голема важност бидејќи содржи се она што клиентот сака да го види.

2.5. Зошто е потребна поделба на слоеви? Дали е корисно?

Како што спомнавме погоре, една од основните причини за поделба на слоеви е можноста за повторна употреба на податоците и апликацијата. Исто така, се подобрува скалабилноста на целиот систем, односно, иако бројот на клиенти расте, функционалноста и достапноста до ресурсите останува иста. Со воведувањето на 3-Tier архитектурата успеваат да се надминат следните проблеми што ги има во 2-Tier архитектурата:

- Доколку има потреба да се програмира една иста или слична функционалност, кодот често се копира на повеќето потребни места. На овој начин се зголемува бројот на кодни линии, а со тоа расте и комплексноста на апликацијата. Во 3-Tier архитектурата, овој недостаток се решава преку креирање на функција во бизнис слојот која се употребува (повикува) толку пати колку што е потребно. Со ова значително се подобруваат перформансите од аспект на брзина и комплексност.
- Колку апликацијата е поголема, толку е потешка за одржување, затоа, со бизнис слојот, кодот значително се намалува и одржувањето е олеснето.
- Исто така, колку кодот е поголем, толку е потешко да се примени unit тестирање.

Иако од функционална гледна точка, 3-Tier архитектурата е значително подобра од 2-Tier архитектурата, сепак, постојат и одредени недостатоци:

- Подолго време за развој, пред се на бизнис слојот.
- Потреба за поголеми предзнаења од објектно – ориентирано (OOP) и сервисно – ориентирано (SOA) програмирање.

Сепак, иако 3-Tier апликациите бараат понапредни предзнаења и подолго време за развој, тие се полесни за одржување, постои можност за повторна употреба и лесна имплементација на направените модификации, без да знае клиентот што се случува зад презентацискиот слој. Употребата на слоеви при креирањето на апликациите довело до точка на кулминација во нивниот развој, односно појава на дистрибуирани апликации. Тоа значи дека со нив може да се постигне работа на далечина, односно клиентите, посредникот (сервисот) и серверот да бидат физички оддалечени еден од друг, притоа со висок степен на транспарентност и скалабилност.

2.6. Windows Communication Foundation

Windows Communication Foundation (WCF) претставува проширување на .NET framework-от, со цел да може да се развиваат и имплементираат конектирани (connected) системи. Тој е наменет за изградба на безбедни и доверливи трансакциски Web сервиси, така што ги комбинира и ги проширува можностите на дистрибуираните системи. Апликациите кои се изградени на WCF платформа, односно врз сервисно ориентирана архитектура, функционираат побезбедно и подоверливо, иако можат да бидат сместени на различни платформи. Со помош на WCF се поедноставува развојот на сервисно ориентираните апликации, со комбинирање на различни технологии, со цел да дадат поголема продуктивност. Исто така, со негова примена се намалува комплексноста на таквите апликации.
WCF за прв пат е понуден и интегриран во Visual Studio 2008 и .NET Framework 3.0, под работното име Indigo. Неговиот концепт на работа, кој е сличен со објектно ориентираните апликации, овозможува лесно и брзо прилагодување кон концептот на сервисно ориентираните апликации. Поддржува повеќе Web Service стандарди: XML, XSD, SOAP, XPath, WSDL, како и некои напредни стандарди и спецификации: WS-Addressing, WS-Policy, WS-Security, WS-Trust, WS-Secure Conversation, WS-Reliable Messaging, WS-Atomic Transaction, WS-Coordination, и WS-Policy [4,5].

3. E-Student: Дистрибуирана апликација со примена на 3-Tier архитектура и WCF

Во ова поглавје, ќе биде прикажана апликацијата E-Student, која всушност претставува практична реализација на веб дистрибуиран систем. Апликацијата E-Student опфаќа развој на сервис (бизнис слој) кој има функција на студентски сервис, односно има можност за преглед на оценки по студенти, предмети и сесии, може да се внесуваат/променуваат/бришат оценки, студенти, предмети и сесии. Освен сервис, се реализира и клиентска Windows апликација (презентациски слој) која преку сервисот чита и запишува во SQL Server 2005 база со податоци (податочен слој).

Во продолжение ќе илустрираме развој на дистрибуираната апликација во горенаведениот редослед од нејзиниот развој, почнувајќи од сервисот, клиентската апликација, за на крај да завршиме со базата со податоци.


3.1. Функционалност на E-Student апликацијата

E-Student претставува апликација наменета за (online) студентско работење со можност за реална имплементација во модерните образовни институции со дистрибуирани кампуси на различни локации кои делат иста база на податоци со студенти, оценки, предмети и сесии. Иако е на почетоците од својот развој, апликацијата има за цел да ја олесни евиденцијата на добиени оценки на студентите по предмети во дадени сесии. Како што спомнавме погоре, апликацијата нуди едноставен кориснички интерфејс, кој преку WCF сервисот овозможува запишување, бришење и промена на горенаведените типови на записи во соодветната база на податоци. Моментално, за нашите потреби креирана е единствена улога – администратор, кој располага со сите привилегии на апликацијата, а во иднина е замислен и развој на други хиерархиски распоредени улоги со свои соодветни функционалности. Од аспект на привилегии, администраторот има право да ги извршува сите CRUD (create, read, update, delete) операции врз сите записи.


3.2. Клиентски побарувања

Реализацијата на студентскиот сервис мораше да се заснова на поставените кориснички побарувања, со цел задоволување на истите. Сите тие ги претставуваме преку UML модели за однесувањето на системот. Првиот модел (види Сл. 3) ги прикажува активностите кои се однесуваат на делот наменет за оценките: преглед, промена, внесување на нова оценка, бришење. Вториот модел (види Сл. 4) ги прикажува активностите кои се однесуваат на делот наменет за студентите. Третиот модел (види Сл. 5) ги прикажува активностите кои се однесуваат на делот наменет за предметите. Четвртиот модел (види Сл. 6) ги прикажува активностите кои се однесуваат на делот наменет за сесиите.


Сл. 3 UML модел за однесување на делот од системот (апликацијата) наменет за оценките




Сл. 4 **UML модели за однесување на делот од системот (апликацијата) наменет за студентите**



Сл. 5 UML модели за однесување на делот од системот (апликацијата) наменет за предметите



***Сл. 6* UML модели за однесување на делот од системот (апликацијата) наменет за сесиите**



3.3. Софтверски побарувања

За развој на E-student дистрибуираната апликација се потребни следните софтверски побарувања:


- Visual Studio 2008, со поддршка за: WCF, LINQ, C#
- Microsoft SQL Server 2005

3.4. Структура на апликацијата од програмерска гледна точка

Во продолжение ќе ги илустрираме составните делови на E-student дистрибуираната апликација, кои ги кодиравме така што ја задоволивме потребната (горенаведена) функционалност.

Пристапот од клиентската апликација директно до сервисот се остварува преку т.н. крајни точки или Endpoints, поставени на страна на сервисот. Тие претставуваат дефинирани локации, преку кои се испраќаат и примаат пораки. Исто така, сервисот може да додава нови или да брише постоечки крајни точки.

Сл. 7 Илустрација на endpoints на кои пристапуваат клиенти



Секој endpoint се состои од следните компоненти.

- Contract (Одговара на прашањето: Што?)

Претставува договор помеѓу две или повеќе страни. Тој го дефинира протоколот за комуникација помеѓу клиентот и сервисот. Во техничка смисла, ги опишува параметрите и враќа повратни вредности на методите. Најчесто се употребува наредбата OperationalContract при декларирање на методите.

- Address (Одговара на прашањето: Каде?)

Посочува каде може да се најде сервисот. Најчесто е URL, која што е референца до локацијата на која е сместен сервисот. Се состои од шема, домен, порта и патека, во следниот облик: scheme://domain[:port]/[path]. Шемата индицира кој транспортен протокол ќе се користи: TCP, именувани

канали, HTTP или MSMQ, означени како: net.tcp, net.pipe, http, and net.msmq соодветно. Доменот се однесува на името на машината или web доменот. Најчесто се употребува localhost за комуникација на истата машина (компјутер). Портата дефинира преку која порта ќе се одвива комуникацијата. Ако не е наведена, се користи онаа што е default за шемата, на пример за HTTP тоа е порта 80. Со патеката недвосмислено се одредува endpoint-от на кој ќе се конектира клиентот. Патеката не го вклучува името на датотеката ако станува збор за self-hosting, додека пак ако сервисот е хостиран на IIS името на датотеката мора да биде наведено во адресата. Ако сервисот има повеќе endpoint-и, секој од нив мора да има уникатна адреса.

- Binding (Одговара на прашањето: Како?)

Определува како ќе се пристапи до endpoint-от, односно како ќе се реализира комуникацијата. Ако се утврди дека комуникацијата ќе се одвива преку два медиуми, TCP (бинарно) или HTTP, тогаш за двата ќе мора да се креира различен binding. Секој endpoint може да биде наречен едноставно ABC, каде A е Address, B е Binding и C е Contract.

3.4.1. WCF сервис

Сервисот се состои од два типа на фајлови со различна намена. Независно од нивното именување, едниот е со екстензија .cs, а другиот со екстензија .svc.cs. Првиот од нив, во нашиот случај IService1.cs, ги опфаќа следните главни компоненти:.

- Service Contract

Ја претставува насоката и типот на пораката во конверзацијата (комуникацијата). Дефиниран е како интерфејс, која има функција на gateway до надворешната апликација, со цел истата да може да ги користи понудените функционалности на сервисот. Во секој сервис, мора да има барем еден Service Contract.

- Operation Contract

Преку Operation Contract се дефинираат методите на сервисот, кои се достапни од надворешен (екстерен) систем, во нашиот случај тоа е клиентската апликација. Неговата функционалност е слична на web методите во web сервисите.

- Data Contract

Data Contract-от дефинира сложен тип како множество од податочни членови или полиња кои се дефинирани надвор од имплементацијата на сервисот и се достапни за сервисот.

- Data Member

  Data Member го специфицира типот кој е дел од Data Contract-от.

.Net компајлерот сите ќе ги претвори во SOAP типови и ќе се креира .DLL фајл. Во Таб. 1 како пример е прикажан дел од кодот на апликацијата, од каде што може да се види начинот на кодирање на наведените компоненти.


Таб. 1 Илустрација на дел од кодот од .cs фајлот

```
namespace WcfService1
{
[ServiceContract]
public interface IService1
{
[OperationContract]
IEnumerable<KlasaOcenki> GetOcenkiByStudentID(int sID);
[OperationContract]
void ZemiPodatoci();
[OperationContract]
void IzbrisiOcenki(int zapID);
...
}
[DataContract]
public class KlasaOcenki
{  int _studentID = 0;
   int _zapisID = 0;
   int _ocenka = 0;
...
[DataMember]
public int StudentID
{
   get { return _studentID; }
   set { _studentID = value; }
}...
}...
```

Како што може да се забележи од кодот прикажан во Таб. 1, дефинираме еден ServiceContract, тоа е интерфејсот IService1. Во него, DataContract-от кој претставува сложено множество од податочни членови го имаме претставено во облик на класа, така што постојат четири класи, секоја репрезентирајќи ја соодветната табела од базата на податоци, со свои атрибути претставени преку DataMember и методи претставени преку OperationalContract.

Сликовит приказ на содржината на интерфејсот е класниот дијаграм прикажан на Сл. 8, според кој се водевме во дизајнирањето и програмирањето на интерфејсот:

Сл. 8 Класен дијаграм



Во .svc.cs фајлот (прикажан во Таб. 2), кај нас именуван како Service1.svc.cs, се дефинираат сите функции (методи) кои ќе ги нуди сервисот, претежно функции со кои се реализираат CRUD операции. При тоа, задолжително е да се наследи интерфејсот IService1, бидејќи сите методи декларирани во него се тие кои треба да добијат соодветна дефиниција во оваа датотека. Контактот со базата со податоци го реализиравме со помош на LINQ, како понова технологија, со примена на Data Context. Овој пристап е сличен на ООР, така што полесно се одвива трансформацијата во SOAP.

Таб. 2 Илустрација на дел од кодот од .svc.cs фајлот

```
namespace WcfService1
{
public class Service1 : IService1
{
    DataClasses1DataContext db = new DataClasses1DataContext();
    List<KlasaOcenki> lOcenki = new List<KlasaOcenki>();
public Service1()
{
    var linqZapis = from o in db.GetTable<ocenki>()
                    select o;
foreach (var c in linqZapis)
{
lOcenki.Add(new KlasaOcenki(Convert.ToInt32(c.studentID),
Convert.ToInt32(c.zapisID), Convert.ToInt32(c.ocenka),
Convert.ToInt32(c.poeni), Convert.ToInt32(c.sesijaID),
...
}
}
...
public void IzbrisiOcenki(int zapID)
{
    var zapis = from s in db.GetTable<ocenki>()
                where s.zapisID == zapID
                select s;
 foreach (var z in zapis)
{
 db.ocenkis.DeleteOnSubmit(z);
 db.SubmitChanges();
}
}
...
```

Откако е креиран сервисот, потребно е да се направат одредени промени во Web.config фајлот (прикажан во Таб. 3), со цел да може сервисот да се хостира и до него да се пристапува од клиентската апликација. Така, тагот <serviceModel> содржи информации за конфигурирањето на сервисот, со тагот <services> се дефинираат детали за сите имплементирани сервиси, а со атрибутот <service> се специфицира namespace-от и класата која го имплементира сервисот. Со <endpoint> се дефинираат адресата, contract-от и binding-от (намената на секој од нив ја имаме илустрирано погоре во текстот). Развојот на сервисот и целата дистрибуирана апликација

моментално не е за комерцијална употреба, така што го користиме локалниот сервер достапен во рамки на VS2008.

Таб. 3 Поставување на web.config фајлот


```
<configuration>
...
<system.serviceModel>
<services>
<service name="WcfService1.Service1"
behaviorConfiguration="WcfService1.Service1Behavior">
<!-- Service Endpoints -->
<endpoint address="" binding="wsHttpBinding"
contract="WcfService1.IService1">
        <identity>
                <dns value="localhost"/>
        </identity>
</endpoint>
</system.serviceModel>
...
</configuration>
```

3.4.2. Клиентска Windows апликација

Клиентската апликација, како и самиот сервис е реализирана во програмскиот јазик C# и се состои од неколку форми со соодветна намена. Водејќи се кон задоволување на корисничките побарувања, ги реализиравме следните windows форми: оценки, предмети, студенти и сесии. Како што кажавме, сите тие немаат директен пристап до базата на податоци, па го користат сервисот како посредник меѓу нив во реализацијата на сите функционалности. За да може сервисот да биде достапен на клиентската апликација мора истиот да се референцира, независно дали тој е сместен на локален или оддалечен сервер.

Во продолжение ќе дадеме илустрација на две од формите во клиентската апликација. На Сл. 9 е прикажана формата наменета за работа со оценки: филтрирање на оценки по име и презиме на студент, промена на параметри кои дефинираат оценка за селектиран студент, бришење на селектиран запис, внесување на нова оценка за даден студент, предмет во дадена сесија итн.

Сл. 9 Илустрација на формата за оценки



На Сл. 10 претставен е делот за манипулација со студенти: преглед на студенти, филтрирање, промена, и внесување на нов студент.

Сл. 10 Илустрација на формата за студенти



Како надоврзување, илустрираме дел од кодот во формата Оценки (прикажан во Таб. 4), така што може да се забележи како се прави референцирањето до сервисот и како се пристапува до дел од функциите дефинирани во него, а наменети за манипулација со оценките.

Таб. 4 **Илустрација на дел од кодот во формата Оценки**

```
public partial class Form1 : Form
{
      string zapisID = "";
      string tip = "";
TestZaWCFServisot.ServiceReference1.Service1Client ocenki =new
TestZaWCFServisot.ServiceReference1.Service1Client("WSHttpBinding_IServic
e1");


private void button1_Click(object sender, EventArgs e)
{
IEnumerable<TestZaWCFServisot.ServiceReference1.KlasaOcenki> x =
ocenki.GetOcenkiByStudentID(Convert.ToInt32(comboBox1.SelectedValue));
dataGridView1.DataSource = x;
}
...
private void btnPromeni_Click(object sender, EventArgs e)
{
    btnVnesi.Visible = false;
    btnPromeni.Visible = false;
    btnIzbrisi.Visible = false;
    btnPotvrdi.Visible = true;
    tip = "promeni";
}

}
…
```

3.5. Креирање на база со податоци (податочен слој)


Базата на податоци е основната компонента врз која се заснова целиот развој на апликацијата. Таа е креирана со помош на SQL Server 2005, така што е составена од четири табели: оценки, студенти, предмети и сесии, со меѓусебни релации за задоволување на потребите на апликацијата. На Сл. 11 е прикажан ER дијаграм кој графички ја илустрира нејзината структура, односно релациите помеѓу ентитетите во неа. Дизајнирањето на ваквиот дијаграм е првиот чекор при реализацијата на базата со податоци.

Сл. 11 ER дијаграм на базата со податоци



Следен чекор е креирање на дијаграм за податочен модел (data model), кој се употребува при кодирањето на оној дел од апликацијата кој комуницира со базата на податоци, со помош на LINQ и Data Context (види Сл. 12).

Сл. 12 Data Model дијаграм



4. Заклучок, идни замисли и достигнувања на проектот

E-Student е дистрибуирана апликација развиена со примена на 3-Tier архитектура и WCF. Таа сеуште е во својот зачеток, така што за нашите тестни потреби ги дизајниравме и имплементиравме споменатите функционалности. E-Student е кориснички ориентирана, нудејќи лесна и едноставна евиденција на добиени оценки на студенти по предмети во дадени сесии. Вниманието посебно е насочено кон употребата на WCF сервисот како посредник во комуникацијата помеѓу клиентската апликација и податочниот сервер. На овој начин, ги илустриравме сите придобивки од сервисно ориентираниот дизајн.

Во иднина има потреба од имплементирање на дополнителни напредни функционалности, како: хиерархија на корисници, безбеден пристап, креирање и печатење на извештаи, интеграција со други апликации за студентско работење и сл., што во овој момент се надвор од нашиот фокус. На крај, би можеле да заклучиме дека постои голем предизвик за иден развој и реална имплементација на E-Student во високо образовни институции.

Abstract

Windows Communication Foundation (WCF) is Microsoft infrastructure for Service Oriented Architecture (SOA), first named Indigo and implemented in Visual Studio 2008, where services are consumed by consumers. Clients can consume multiple services and services can be consumed by multiple clients. The result of a service oriented design is a distributed system which runs between servers, services and clients.

In order to demonstrate the advantages of this technology, in this paper we present our distributed application that illustrates the benefits of using it as part of service oriented architecture. The application is called E-Student and it offers simple and easy recording of student information, their grades, courses and sessions. Usage of services in E-Student results with increased transparency, security, scalability and reuse of the application. In this paper we present the structure, development and implementation of E-Student, with special emphasis on all the advantages of using the WCF service oriented architecture.

Keywords: E-Student, 3-Tier architecture, 2-Tier architecture, distributed system, service, WCF, client, server, transparency, scalability.

Литература

1. Juval Lowu. *Building SOAs with Windows Communication Foundation, O'REILLY,* 2007.

2. Mains Brians. *Introduction to 3-Tier Architecture (White paper), 2008.*

http://dotnetslackers.com/articles/net/IntroductionTo3TierArchitecture.aspx

(Прочитано во Јануари 2010)

3. Mike Liu. *Implementing a WCF Service in the Real World,* Packt Publishing, 2008.

4. NET Framework Developer Center. *MSDN: Fundamental Windows Communication Foundation Concept.*

http://msdn.microsoft.com/en-us/library/ms731079.aspx

(Прочитано во Јануари 2010)

5. NET Framework Developer Center. *MSDN: Windows Communication Foundation Architecture Overview.*

http://msdn.microsoft.com/en-us/library/aa480210.aspx
(Прочитано во Јануари 2010)

004.6: 004.738.1]:37.091.267

Доц. д-р **Јован ПЕХЧЕВСКИ**,
Помлад асс. **Ивана АТАНАСОВА**, помлад асс. **Љупчо КРСТЕВСКИ**

EvaLearn: WEB АПЛИКАЦИЈА ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ЗНАЕЊЕ

Апстракт

Една од основните цели на Европскиот Кредит Трансфер Систем е континуирано следење на напредокот на студентите, како и постојана евалуација на нивното знаење. Процесот на евалуација е неопходен дел од процесот на предавање и учење, и претставува планирана, континуирана активност која е длабоко поврзана со наставната материја. Сепак, недостигот на електронски начин на евалуација во Р. Македонија го отежнува изведувањето на самиот процес, со што на некој начин може негативно да се влијае на самиот квалитет на настава.

*Во овој труд е прикажана Веб апликацијата **EvaLearn**, која служи за евалуација на знаењето на студентите со намена за поедноставно дефинирање на комбинации на колоквиумски и испитни прашања за постоечки предмети во една образовна институција. Бројот на флексибилни параметри овозможува индивидуални поставки за секој предмет во зависност од потребите. Аликацијата е изградена на начин на кој што може да се надоградува и приспособува на различно структурираните наставни програми кај различни образовни институции, со цел да овозможи полесно совладувањето на наставната материја за студентите.*

*Апликацијата е сеуште во својот зачеток, така што во иднина е планирана надградба на истата со интелигентен подсистем кој ќе дава повратна информација за знаењето на секој студент или корисник. Планирано е исто така и евалуација на ефективноста и едноставноста на користење на **EvaLearn**, која ќе ја утврди нејзината финална изведба и функционирање.*

Клучни зборови: *EvaLearn, евалуација на знаење, веб апликација, база на податоци, тестови.*

1. Вовед

Евалуација на знаењето на студентите во една високо образовна институција е неопходен процес за дефинирање на квалитетни и способни кадри во сите области. Електронската евалуација е веќе најчесто применет начин за процесот на проверка и проценка на знаењето на студентите во Европа, додека според нашите сознанија во Р. Македонија сеуште не постои адекватна и специјализирана апликација која би го поддржала овој начин.

Во овој труд е претставена веб апликацијата EvaLearn, која преставува електронски начин на евалуација на знаењето на студентите како и помагало за генерирање на испитни и колоквиумски прашања по соодветни предмети во една образовна институција. Во контролирана околина, апликацијата би му помогнала на наставниот кадар поедноставно да подготви различни, сепак соодветни, прашања за тестирање на знаењето на студентот на одредена тема или за целата материја, додека на студентот би му овозможила полесно да ја совлада наставната материја предвидена за предметот.

Во главни црти, апликацијата EvaLearn треба да го намали потрошеното време на професорот во креирање на колоквиумски прашања и испити секоја година и за секоја сесија, со што целосно се избегнува двоумењето дали истата таа комбинација веќе била дадена претходно. Апликацијата се посветува на создавање на неформални тестови, кои се наменети пред се за стекнување увид во знаењето на студентите. Толкувањето на резултатите се базира на претходно дефинирани норми и критериуми што ги поставува самиот професор [1].

Идејата е професорот да внесе одреден предмет на кој тој е предавач, да внесе повеќе теми од тој предмет, и во секоја тема да внесе доволен фонд на прашања заедно со одговори, преку кои потоа би можел да создаде тест (колоквиум, испит итн.). Се работи за апликација чија главна цел е со даден урнек за тест, претходно креиран од професорот со информација кои теми и по колку прашања од тема, по случаен избор да генерира тест и на студентот да му овозможи електронска проверка на знаењето. Поради својата скалабилна природа, оваа апликација би можела да се користи не само на Европскиот Универзитет туку и на сите останати образовни институции со мали модификации во зависност од постоечките барања.

Овој труд е структуриран како што следува. Во Поглавје 2 најпрво е објаснет архитектурниот дизајн каде детално е наведен дизајнот на базата на податоци како и модели на корисничко однесување, преку кои јасно се гледа како функционира системот. Поглавјето 3 се фокусира на апликативното решение, при тоа објаснувајки ги сите модули поврзани со апликацијата. Најпрво е дадено како се најавува на системот, потоа како се внесуваат и бришат предмети, теми и одговори, па се до главните модули кои прикажуваат како се креираат и бришат тестови, како се прегледуваат резултати и

како тече студентската интеракција. Трудот го завршуваме со Поглавјата 4 и 5 кои содржат дискусија за идните замисли и достигнувања на самата апликација, при што се наведени главните правци по кои апликацијата би се проширувала и што се очекува од тоа проширување.

2. Архитектурен дизајн


Во ова поглавје е даден детален опис на структурата и дизајнот на EvaLearn апликацијата. Информациите наведени тука се тие што ќе ги водат програмерите при развивање на софтверот, односно имплементацијата на апликацијата. За таа цел е даден опис на типовите на податоци со кои работи апликацијата, наведени се сите независни и одвоени функции кои ги извршува апликацијата по модули, опишано е однесувањето на софтверот и сите чекори кои се извршуваат како последица на надворешните настани. При развојот на структурата и дизајнот на апликацијата, освен текстуалните описи дадени се и некои стандардни дијаграми на корисничко однесување.

2.1. Дизајн на податоци и модел на база на податоци

Податоците, кои се користат во апликацијата и се предаваат на корисникот како краен резултат, се од огромно значење и бараат детална анализа и определување на соодветна податочна структура. Оваа структура е потребно да го задоволи корисникот со информациите добиени од податоците, да биде погодна за манипулирање на податоците од страна на дизајнерите и програмерите, а во исто време на апликацијата да и помогне во поефикасно и пооптимизирано работење. За остварување на овие цели, апликацијата го користи Microsoft SQL Server [2] системот за управување со бази на податоци.

За да се добие потребната архитектура на табелите во базата, потребно е да се помине низ неколку фази. Најпрво, преку дизајн фазата, се одредуваат ентитетите кои ќе ја сочинуваат базата. Потоа се креира E-R дијаграм за да се одредат ентитетите, атрибутите и асоцијациите меѓу нив. Следно, E-R дијаграмот се трансформира во релационен модел, кој со неколку нивоа на нормализирање го одредува крајниот правилен изглед и структура на табелите во базата [3].

За една база на податоци да биде правилно структурирана, потребно е да задоволува најмалку 3 од 6-те нормални форми [4]. На Сл. 1 е прикажана комплетно нормализираната база во трета нормална форма.



Слика 1. Модел на база на податоци во трета нормализирана форма


2.2. Модел на корисничко однесување

Unified Modeling Language (UML) дијаграмите помагаат за полесно да се дефинира интеракцијата на корисникот со системот [5]. Во продолжение се прикажани само два од многуте постоечки ситуации во кои би се нашол корисникот со апликацијата [6]. На пример, разгледана е разликата во комуникацијата на корисник – студент (Сл. 2) и корисник – професор (Сл. 3) со апликацијата, за модулот генерирање на тест.

Од UML дијаграмите се гледа дека комуникацијата на корисник-студент е многу поедноставна отколку корисник-професор, секако поради тоа што корисник-професор е потребно да дефинира одредени дополнителни параметри потребни за извршување на модулот генерирање на тест, додека корисник-студент само селектира тест во модулот генерирање на тест.



Слика 2. Use case за генерирање на тест – професор и генерирање на тест - студент



Слика 3. Use case за генерирање на тест – професор и генерирање на тест - професор

3. Апликативно решение

Во ова поглавје е даден опис на развојните технологии и модулите кои се користат од страна на апликативното решение. Апликативниот модул за генерирање на прашања е систем кој ги покрива процесите на една

образовна институција потребни за креирање на поголема база на прашања и соодветни одговори од различни предмети и креирање на неограничен број случајни испитни комбинации.

Апликативното решение е веб базирано решение кое се темели на Microsoft .NET технологии, при што за изработка на решението се користени ASP.NET[1], C#.NET и Reporting Services [8]. Користена е исто така алатката за генерирање на код, CodeSmith[2], со цел да се намали повторливото кодирање, да се намали бројот на грешки во апликацијата и да се зголеми ефикасноста на програмерот. Од друга страна CodeSmith користи шаблон Nettiers[3] со чија помош се прилагодуваат својствата на апликацијата според потребите и желбите на крајниот корисник.

Првиот чекор во користењето на CodeSmith алатката за изработка на апликација е извршување на Nettiers шаблонот. Внесени се одредени информации со цел генераторот на код да ја поврзе апликацијата со базата на податоци и да ги генерира потребните почетни форми. Во зависност од табелите во базата и релациите меѓу нив, CodeSmith ќе направи форми и соодветни кориснички контроли за секоја табела и преку тие форми овозможува внесување, ажурирање, а по потреба и бришење на податоци. Голем дел од процедурите кои се автоматски, со мала измена на кодот можат да се приспособат на она што е потребно. При тоа нагласено е дека CodeSmith нема да ја изгради самата апликација туку само ќе заштеди дел од времето потребно за нејзиниот развој.


3.1. Модул за најавување на системот

Системот може да го користат два типа на корисници: студенти (со помалку административни привилегии и можности) и професори или асистенти (со максимални административни привилегии и можности). Самото диференцирање наведува дека на почетокот апликацијата секогаш ќе носи на страна која од корисникот ќе бара да се најави на системот соодветно како студент или професор. Тука ќе е разгледан делот со повеќе административни права, односно се смета дека корисникот се најавил како професор (асистент), како што е прикажано на Сл. 4.

[1] http://weblogs.asp.net/scottgu/archive/2007/11/19/visual-studio-2008-and-net-3-5- released.aspx

[2] http://www.codesmithtools.com/features/overview.aspx

[3] http://www.codesmithtools.com/video/codesmith-4.0-overview.html



Слика 4. Почетна страна за најава на системот

Има неколку работи кои можат да се забележат на сликата: Моментално логиран корисник, можност за одјавување, можност за промена на лозинка, како и главното мени кое е составено од два дела: **Внесување/Бришење** и **Генерирање.** За напомена е дека во зависност од тоа кој професор е најавен само тие предмети се достапни за генерирање на урнек/шаблон за тест.

Главните менија во себе содржат други подменија кои ја прават апликацијата комплетна. Целокупното движење низ менито е контролирано преку Web.Sitemap.


3.2. Модул за внесување и бришење на податоци

Овој модул се користи за внесување на предмети, теми, како и прашања и одговори за истите. Истовремено е овозможен и целосен преглед и можност за модификација и бришење на внесените податоци. Направен е и посебен дел каде може да се бришат предходно дефинирани параметри за тестови со што е направена една целина за лесно управување со податоците.


Внесување на предмет

На страната за предмет е прикажана т.н. gridview контрола во која ги има внесените предмети (види Сл. 5). Доколку табелата Predmet во базата е празна тогаш се прикажува текстот “Нема внесено податоци!” кој се дефинира во својството <EmptyDataTemplate> на gridview контролата. Во самиот Grid се сместени и две копчиња: Избриши и Избери. Со Избриши е овозможено бришење на предмет, и при тоа се отстранува се што е поврзано со тој предмет (теми, прашања, одговори итн.) додека Избери копчето го носи корисникот на нова страна каде може да се изменат одредени

параметри за предметот кој предходно бил внесен. На страната за предмет дадена е можност и за внесување на нови предмети. За ова на располагање е поставено едно текстуално поле во кое се внесува името на предметот како и едно копче Додади преку кое се врши самото внесување.



Слика 5. Внесување на предмет



Слика 6. Внесување на тема

Внесување на тема


Во gridview контролата се прикажани сите внесени теми за предходно избран предмет од надолната листа (види Сл. 6). Во самиот grid се сместени и две копчиња: Избриши и Избери. Со Избриши е овозможено бришење на тема, и при тоа се остранува се што е поврзано со таа тема, додека со Избери апликацијата го носи корисникот на нова страна каде можеме да се изменат одредени работи за темата која предходно била внесена.

За внесување на нова тема, најпрво е потребно да се избере од кој предмет ќе биде таа тема, потоа треба да се внесе кој ќе биде насловот на темата (тука се користени валидации со цел да не се остават празни полиња), додека исто така е овзможен избор и тежина на темата (од 1 до 5). Идејата за тежината е дека секоја тема има различна тежина, односно некои теми се помалку комплицирани односно полесни за учење во однос на други. На крај доволно е само притискање на копчето Внеси тема за внесување на одредена тема за даден предмет.


Внесување на прашања и одговори

Во gridview контролата на Сл. 7 се прикажуваат сите внесени прашања од соодветно избраниот предмет и тема. Исто така и тука е дадена можност за промена и бришење на некое предходно дефинирано прашање. Во однос на внесувањето, апликацијата е строго дефинирана дека за секое прашање мора да се внесат четири одговори од кои само еден е точен. Значи најпрво се избира предмет, потоа се прави избор на тема, за да на крај се внесе прашање со соодветните одговори. И тука се користени валидации за

да не останат некои полиња празни при внесување во базата на податоци, со што би се минимизирала можноста за одредени грешки.



Слика 7. Внесување на прашање



Слика 8. Бришење на тест

Преглед на тестови


Во овој дел се врши приказ на однапред генерирани тестови. Всушност овој дел е во директна спрега со модулот Генерирање тест (прикажан подолу), бидејќи секој генериран тест тука може да се прикаже. Со оглед на тоа што некои тестови застаруваат односно не се веќе потребни, во овој дел истите исто така можат да се избришат. За бришење додадено е копче Избриши во самиот grid (види Сл. 8).

3.3. Модул за генерирање и преглед на резултати

Овој модул главно е насочен кон генерирање на тестови како и преглед на резултати кои ги постигнале студентите.

Генерирање на тест

На Сл. 9 е прикажан дел за генерирање тестови, или поточно подесување на тест параметри. Имено тука најпрво се избира предметот по кој е потребно да се генерира тест. Потоа се внесува насловот на тестот, за да на крај преку една grid контрола се бира кои теми да ги опфаќа тестот и колку прашања да бидат застапени од таа тема. На крај со притискање на копчето Генерирај тест, доколку е се во ред, ќе се покаже една порака кој ќе ни укаже дека успешно е генериран тестот, или соодветно дека тестот не е успешно генериран. При клик на копчето всушност се повикува зачувана процедура и ги внесува сите овие параметри. Овој генериран тест потоа се појавува на страната каде се најавува студентот, со што студентот доволно е да го избере тестот и да започне генерирање. Со претходно дефинираните параметри од стрна на професорот, пред студентот ќе се појави ново генериран тест.




Слика 9. Генерирање на тест

Преглед на резултати

Овој дел е корисен откако одреден дел од студентите се најавиле и соодветно решиле одреден тест . Штом студентот заврши со тестот процентот кој што го освоил во зависност од точноста на прашањата се внесува во базата на податоци. Од другата страна, професорот има можност да ги следи постигнатите резултати (види Сл. 10). За детален и соодветен приказ тука се користени Embeded Reporting Services[4].

Како што се гледа од сликата најпрво е потребно да се избере предметот, а потоа соодветна надолна листа се полни со тестови од тој предмет. Штом се избере за кој тест да се прикажат резултати, се активира сервисот за извештаи и се прикажуваат сите студенти кои го полагале тој тест.




Слика 10. Преглед на резултати

[4] http://msdn.microsoft.com/en-us/library/aa964126%28SQL.90%29.aspx

3.4. Модул за студентска интеракција

Како што е претходно напоменато, делот за студентот е многу поедноставен и понудени се многу помалку можности за администрација. И тука студентот ги има можностите за промена на лозинка и за одјавување од системот, но нема ниту една друга административна активност (види Сл. 11).

Појаснето е претходно дека професорот има можност да генерира тест со одредени параметри. Токму тој тест се прикажува на страната на студентот. При тоа студентот го селектира тестот и според параметрите се генерираат соодветни прашања на кои тој/таа одговара, и потоа постигнатите резултати се внесуваат во базата на податоци.



Слика 11. Страна за студентот

Штом студентот се најави со својата лозинка и корисничко име, системот го носи на оваа страна. Преку сесија се земаат основните податоци за студенот (име и презиме) и се прикажуваат во горниот лев дел како моментално најавен корисник. На оваа страна се прекажуваат и делот за промена на лозинка и одјавување од системот (горе – десно).

Студентот прво избира кај кој професор ќе го решава тестот. Штом избере професор од надолната листа, се појавуваат сите предмети кои се поврзани со тој професор. Потоа се бира предметот по кој ќе се решава тест (во надолна листа се појавуваат сите предходно генерирани и параметризирани тестови). Студентот избира еден од нив и кликнува Генерирај Тест. Во зависност од параметрите кои се зададени за тој тест (кои теми и колку прашања од таа тема) пред студентот се генерира тест. Генерирањето на прашањата е секогаш по случаен избор и тука е големата предност на системот, односно да нема повторување на тестови. Генерирањето на тестот оди преку зачувана процедура, како што е прикажано во Таб. 1.

Табела 1. Код за генерирање на тест

```
protected void btnGeneriraj_Click(object sender, EventArgs )
   {
      conn.Open();
      SqlCommand idtest = new SqlCommand("SELECT Id_Test, IdPredmet from
                                  TestParametri WHERE Naslov = @Naslov", conn);
      idtest.CommandType = CommandType.Text;
      idtest.Parameters.Add(new SqlParameter("@Naslov", SqlDbType.NVarChar));
      idtest.Parameters[0].Value = DDTest.SelectedValue.ToString();
      SqlDataAdapter da = new SqlDataAdapter(idtest);
      DataSet ds1 = new DataSet();
      da.Fill(ds1);


      int IdTest = Convert.ToInt32(ds1.Tables[0].Rows[0][0].ToString());
      int IdPredmet = Convert.ToInt32(ds1.Tables[0].Rows[0][1].ToString());

      SqlCommand Temi = new SqlCommand("SELECT IdTema, BrPrasanja  from
                                  TestParametriTemi WHERE IdTest = @IdTest", conn);
      Temi.CommandType = CommandType.Text;
      Temi.Parameters.Add(new SqlParameter("@IdTest", SqlDbType.Int));
      Temi.Parameters[0].Value = IdTest;
      SqlDataAdapter da1 = new SqlDataAdapter(Temi);
      DataSet ds2 = new DataSet();
      da1.Fill(ds2);
      int BrRedovi = ds2.Tables[0].Rows.Count;
      for (int i = 0; i < BrRedovi; i++)
      {
         int idTema = Convert.ToInt32(ds2.Tables[0].Rows[i][0].ToString());
         int BrPrasanja = Convert.ToInt32(ds2.Tables[0].Rows[i][1].ToString());

         SqlCommand generiraj = new SqlCommand("CP_Generiraj", conn);
         generiraj.CommandType = CommandType.StoredProcedure;
         generiraj.Parameters.Add(new SqlParameter("@Br_prasanja", SqlDbType.Int));
         generiraj.Parameters.Add(new SqlParameter("@IdPredmet", SqlDbType.Int));
         generiraj.Parameters.Add(new SqlParameter("@Tema", SqlDbType.Int));
         generiraj.Parameters.Add(new SqlParameter("@IdStudent",
                                        SqlDbType.NVarChar));
         generiraj.Parameters[0].Value = BrPrasanja;
         generiraj.Parameters[1].Value = IdPredmet;
         generiraj.Parameters[2].Value = idTema;
         generiraj.Parameters[3].Value = Session["IdStudent"].ToString();
         generiraj.ExecuteNonQuery();
      }
      Session["Naslov"] = DDTest.SelectedValue;
      conn.Close();
      Response.Redirect("StudentTest.aspx");
}
```

Кодот во Таб. 1 го прикажува начинот на генерирање на тест за пријавен студент. Со процедура се повикуваат параметрите за тестот по предметот кој го избрал студентот од листата на понудени предмети. Следно се вчитуваат предметот, темите и бројот на прашања по тема за избраниот тест, па за така дефинираниот урнек за тестот се генерираат прашања на студентот со повикување на зачувана процедура "CP_Generiraj". При овој процес се земаат во обзир параметрите за тежина на темите во склоп на тестот кои биле дефинирани во урнекот. За секој студент се генерираат различни тестови со истиот урнек, каде разновидноста на прашањата директно зависи од бројот на прашања по тема за даден предмет, претходно внесени од страна на професорот во базата на податоци.

На Сл. 12 е даден изгледот на прозорецот со генериран тест за пријавениот студент, откако ќе се изврши горенаведениот код.



Слика 12. Генерирање на тест – студент

4. Идни замисли и достигнувања

Првиот чекор преземен за достигнување на идните цели е тоа што самата апликација е направена да биде веб базирана. Доколку беше изработена како десктоп апликација, тогаш ќе беа оневозможени многу веб-специфични функциналности, меѓу кои неповолна искористеност на мрежата и позитивните карактеристики кои ги носи интернетот.

Наведено е дека оваа апликација би се користела за проверка на знаењето на студентите пред компјутер. Моментално апликацијата се дизајнира

да генерира тестови чија севкупна тежина зависи од тежината на темите кои го сочинуваат. Во иднина би можела истата да се надогради да овозможи генерирање на тест повторно од различни теми, но во овој случај секое прашање би имало своја тежина, па тестот би се генерирал врз база на тежината на сите прашања.

Моментално апликацијата е смислена да дозволува единствено прашања на четири можности за одговор со заокружување. Во иднина би се обрнало внимание на тоа да се овозможи за дадено прашање да се внесе одговор од студентот за проверка на знаењето, или да се прикачи соодветна слика доколку е потребна. Ваквата комбинација на прашања ви овозможила апликацијата да може да се користи за испити и колоквиуми кај поголем спектар на предмети.

5. Заклучок

Веб апликацијата **EvaLearn** е наменета првично за поедноставување, намалување на потрошеното време и поголема ефективност во работата во образовните институции.

Генерирањето на испитни и колоквиумски прашања, со користење на постоечката база на податоци, како и електронската проверка на знаењето на студентите, го олеснува пред се начинот на прифаќање и совладување на материјалот од страна на студентите, како и изведувањето и оценувањето на испитните материјали за наставниот кадар.

Едноставноста во користење ја прави одлична алатка во секојдневниот работен живот, онаму каде може да се најде нејзината примена. Преку однапред дефинирани прашања и теми за дадени предмети, може да се контролира структурата на генерираните тестови од најстрога, со мал диверзитет на прашања, до крајно флексибилна, со користење на огромна база од прашања која ќе овозможи различни и ефективно-генерирани тестови за евалуација на знаењето.

Аликацијата е изградена на начин на кој што може да се надоградува, со цел во иднина да се постигне повисоко ниво на функционалност како и ефикасност. Во иднина ќе се изведе евалуација за ефективноста и корисноста на апликацијата, како и тестирање на нејзиниот кориснички интерфејс од страна на случајно избрани студенти во контролирана околина.

Summary

The main purpose of the European Credit Transfer System is to continuously monitor the students' progress as well as to constantly evaluate their knowledge. The evaluation is a necessary part of the process of teaching and learning, and a planned, continuous activity that is deeply related with the

teaching material. However, the lack of technological means for performing the evaluation in R. Macedonia complicates the conduct of this process, which may also have a negative impact on the quality of teaching and learning.

*In this paper, we present a web application called **EvaLearn**, which is designed to evaluate the students' knowledge by simplifying the process of creating different combinations of exam questions for existing courses in an educational institution. The number of flexible parameters allows individual settings for each course depending on the teaching needs. The application is constructed in a way that can be upgraded and adjusted to differently structured curricula in different educational institutions, with the aim of facilitating effective teaching and learning for the students.*

*The application is still in its early stages of deployment, and so in the future we plan to upgrade it with an intelligent subsystem that will provide personalized feedback of the assessed knowledge for each student. We also plan to evaluate the effectiveness and the usability of **EvaLearn,** which will ultimately determine its final deployment in production environments.*

Keywords: *EvaLearn, evaluation of knowledge, web application, database system, tests.*

Литература

1. Виолета Петроска-Бешка. *Оценување со тестови на знаење*. Филозофски факултет, 2007.
2. Microsoft Corporation. *SQL Server 2008, Product Overview(White Paper).* http://www.microsoft.com/sqlserver/2008/en/us/wp-sql-2008-overview.aspx (Прочитано во Јануари 2010)
3. Raghu Ramakrishnan and Johannes Gehrke. *Database Mangament Systems*. McGraw-Hill Companies, 2000.
4. Anaesthetist.com. *Normal Forms for relational databases.*

   http://www.anaesthetist.com/mnm/sql/normal.htm

   (Прочитано во Јануари 2010)
5. Martin Fowler and Kendall Scott. *UML Distilled*. Addison-Wesley, 2000.
6. David Brown. *Types of UML diagrams.*

   http://atlas.kennesaw.edu/~dbraun/csis4650/A&D/UML_tutorial/diagrams.htm (Прочитано во Јануари 2010)

7. Datanamic.com. *Generate Realistic Data for Database Testing Purposes.* http://www.datanamic.com/datagenerator/index.html

   (Прочитано во Јануари 2010)

8. Microsoft Corporation. *An Overview of Microsoft Visual Studio 2009*. www.microsoft.com/vstudio (Прочитано во Јануари 2010)

004.4'22 : 004.415.2

Prof. **Toni STOJANOVSKI** PhD,
Prof. **Tomislav DZEKOV**, PhD

RAPID APPLICATION DEVELOPMENT USING SOFTWARE FACTORIES

Abstract

Software development is still based on manufactory production, and most of the programming code is still hand-crafted. Software development is very far away from the ultimate goal of industrialization in software production, something which has been achieved long time ago in the other industries. The lack of software industrialization creates an inability to cope with fast and frequent changes in user requirements, and causes cost and time inefficiencies during their implementation.

Analogous to what other industries had done long time ago, industrialization of software development has been proposed using the concept of software factories. We have accepted this vision about software factories, and developed our own software factory which produces three-layered ASP.NET web applications.

In this paper we report about our experience with using this approach in the process of software development, and present comparative results on performances and deliverables in both traditional development and development using software factories.

Keywords: *Rapid application development, Software factory, Software industrialisation, Domain specific language*

1. INTRODUCTION

Today's enterprise software solutions operate in a very volatile environment. Often, as a result of change requests and additional requirements that were not known at the beginning of the project, the project scope grows by 20-100%. In order to graciously accept these changes in requirements, the focus of the software development practices during the last three decades has been constantly shifting towards the design of a system that can withstand unpredictability. From a user's perspective, software is required to be not only reliable, but also up-to-date with the technical and functional requirements. Software project's final delivery does not mark the closure of the solution's lifecycle. Maintenance and upgrading

still account for two thirds of software's lifetime cost. For the above mentioned reasons, software needs to be adaptable in a cost-effective manner to the following three types of changes:

- **Functional changes** add new capabilities to the software while retaining the existing platform and performance.

- **Non-functional changes** address performance issues e.g. availability, reliability, response times, security etc. without changes to the platform base.

- **Platform changes** are a result of moving the software to new hardware or operating system, or using new or modified services.

Despite of the increase in reuse and productivity of software development and the quality of software products brought by the object-oriented programming and service-oriented architecture during the past two decades, there is still demand for further improvements. Software engineering practices are still in the craftsmanship age. As a result, software development is slow and expensive; yields products containing serious defects that cause problems of usability, reliability, performance, and security; and has excessive reliance on the human factor.

Furthermore, most software is still built more or less in isolation. Reuse is mostly limited. However, if we analyse the applications we can often identify a large amount of similar functionalities that is developed from scratch for each application. Developing applications often involves repetitive coding. Developers are rewriting code somebody else or even themselves have already written before, and are duplicating the same segments of code throughout the software solution. Reducing repetitive coding has been the focus of software engineering since its birth.

The major reason for the above issues is the fact that the software development has not been industrialized yet. Most software today is still being developed by hand from scratch using labour-intensive methods. Although in the software industry there have been individual attempts to accept practices of other industries over the past 30 years, the analysis show that there are only a small number of cases where software development is automated. Furthermore, there is no single widely accepted software factory-based methodology. Software engineering is now at a breaking point where it must adopt the patterns of industrialization demonstrated by other industries. These include assembling products from components, automating repetitive or menial tasks, forming product lines, and standardizing processes, architectures, and packaging formats.

According to [1], "software factory (SF) is a configuration of languages, patterns, frameworks, and tools that can be used to rapidly and cost-effectively produce an open-ended set of unique variants of a standard product." Software factories are also sometimes called Generative Programming [2] and Code

Generation [3, 4]. The SF approach adopts the patterns of industrialization demonstrated by other industries. In layman terms, an SF can produce software solutions similar to the way a car factory produces cars, and a jam factory produces jam. Clearly, car factories can produce other types of vehicles, that is, products from the same family, but no jam. To continue with the above analogy, an SF can create software products from one family only e.g. web portals, but another SF is required to produce solutions from another family e.g. document management software.

Motivated by the above mentioned problems in software engineering, we have built a software factory which automates the development of three-tiered ASP.NET web applications. This paper describes the implemented software factories, and the impact it has on the software design and developers' productivity.

We also note that there are other approaches to the problems of changes in software requirements, repetitive coding, and insufficient reuse, such as Agile methodology [5] (Scrum [6], Extreme Programming [7] etc.), Rapid prototyping [8], Model-driven architecture [9], and Design patterns [10]. These approaches are not mutually exclusive with the use of SFs, and can be used symbiotically.

Here is the overview of our paper. Section 2 describes the concept and main components of SF. Section 3 describes the phases in the development of our SF. Section 4 describes the benefits and advantages that SF brings to software development. Section 5 presents code statistics. Section 6 gives the conclusion, and the directions for our future work.

2. IMPLEMENTED SOFTWARE FACTORY

Software factories are about modelling and implementing system families in such a way that a given system can be automatically generated from a specification written in a domain-specific language (DSL). SF means using a program to help you write your programs. SF reads a specification of abstract requirements , and then using templates builds one or more output files for the software solution.

Our software factory consists of three major components, and many other SFs consist of the same components.

- A DSL that can be used to define a formal model/blueprint of the application. The DSL is used to define the software from a business point of view. Ideally, the same DSL-written application model can be processed by two sets of artefact templates to generate two solutions for different platforms e.g.. NET and J2EE. Our DSL is based on XML.

• An approved software architecture which satisfies the technical requirements for the application. The software architecture is defined by means of a set of artefact templates written in XSLT. These templates transform the application model into a number of artefacts: SQL scripts, documentation, help files, source code etc.

• A software tool (code generator) that can apply the artefact templates on the application model, and produce the entire software application. Our software tool is named RoboCod, and works as an add-on for MS Visual Studio 2005 and later versions.

The following figure gives the software factory workflow:




Figure 1. Software factory workflow

We use the best practices of software reuse and design patterns during the SF development. Our solution is based on standardised languages: Extensible Markup Language (XML) and Extensible Stylesheet Language Transform (XSLT) [13].

An XSLT is a program to transform XML input document into text-based output using optional input parameters. The benefits of using XSLT are as follows:

• Can generate anything text-based;

• Standards-based;

• Visual Studio 2005 and later versions provide an XSLT debugger.

In our opinion the only drawback of using XSLT is that it uses declarative programming, which can be difficult to learn.

When talking about the scope and domain of SF, we can distinguish between two types of domains in which the factory can belong:

- **Vertical** - targets software products that have a precisely defined business domain. The applications which will be produced with SF's from such a domain will have a common business focus, i.e. applications for insurance policies.
- **Horizontal** –targets software products that have a common architecture e.g. three-layered distributed application, or operating platform e.g. J2EE, .NET

In other words, Domain Model does vertical focusing of the SF, while Artefact Templates do horizontal focusing.

Our SF is a combination of the two domains: it produces three-layered ASP.NET web application with a set of supported business rules and constraints. We can reuse the SF to generate another application from another business domain provided that its business rules can be described in the terms of the SF's existing business rules, and it has the same architecture. As a consequence of this flexibility, our SF has been used to implement a fee calculation application for financial institutions, University News-Board web application for university, phone-list application, and issue tracker for software development organisations.

3. BUILDING A SOFTWARE FACTORY

Before the application development takes place, the SF must be built. Clearly, once an SF is built, it can be used again and again to build many applications. Our SF was built in four phases.

The first phase is development of the domain vocabulary and grammar of the dictionary that covers the business terms of the domain area where the application that will be produced by the SF belongs. For this purpose, we have developed a DSL based on XML. Using XML allows us to reuse its grammar implementation, and to avoid the implementation for a new grammar, Furthermore, we benefit from its standardisation, abundance of editors and debuggers, wide acceptance, and its familiarity to programmers. We use XML schema [11, 12] definition to validate application models, which is another benefit of using XML. Our DSL is platform agnostic. The same DSL-written application model can be processed by many sets of artefact templates to produce two solutions for different platforms e.g. .NET and J2EE. Although the initial Domain Model can be reused in further application development without any modifications, often there is a need to change or extend the Domain Model in order to accommodate the new requirements from the already covered business domains, or the introduction of new business domains.

Following figure gives a fraction of the XML schema, which defines the definition for a field in an entity.

```
<xs:element maxOccurs="unbounded" name="Field" minOccurs="1">
    <xs:complexType>
    <xs:attribute name="name" type="xs:string" use="required" />
    <xs:attribute name="isShownInList" type="xs:boolean" use="optional" />
    <xs:attribute name="isShownInEdit" type="xs:boolean" use="optional" />
    <xs:attribute name="isIdentity" type="xs:boolean" use="optional" />
    <xs:attribute name="isPK" type="xs:boolean" use="optional" />
    <xs:attribute name="type" type="FieldType" use="required" />
    <xs:attribute name="description" type="xs:string" use="optional" />
    <xs:attribute name="nullable" type="xs:boolean" use="optional" />
    <xs:attribute name="displayName" type="xs:string" use="optional" />
    <xs:attribute name="defaultValue" type="xs:string" use="optional" />
    <xs:attribute name="displayFormat" type="xs:string" use="optional" />
    <xs:attribute name="length" type="xs:string" use="optional" />
    <xs:attribute name="isLookup" type="xs:boolean" use="optional" />
    <xs:attribute name="isOVN" type="xs:boolean" use="optional" />
    <xs:attribute name="isFK" type="xs:boolean" use="optional" />
    <xs:attribute name="nameName" type="xs:string" use="optional" />
    <xs:attribute name="fkEntityName" type="xs:string" use="optional" />
    <xs:attribute name="createLookup" type="xs:boolean" use="optional" />
    <xs:attribute name="isAudited" type="xs:boolean" use="optional" />
    <xs:attribute name="numberOfRows" type="xs:unsignedByte" use="optional" />
    <xs:attribute name="numberOfCols" type="xs:unsignedByte" use="optional" />
    <xs:attribute name="isShownInHistory" type="xs:boolean" use="optional" />
    </xs:complexType>
</xs:element>
```

Figure 2. A fraction of the XML schema for the DSL.




Figure 3. A fraction of a graphical presentation of the XML schema for the DSL.

In the next phase we define a DSL-based Domain Model which contains application's details, such as entity-relationship model, business constraints, connection strings, as well as user interface functionality and navigation.

Following figure gives a fraction of the DSL-based domain model for the University News-Board web application.

```
 <Entity tableName="Fakultet" name="Fakultet" caching="enabled" isAudited="true"
isLogged="true" isActive="true">
    <Language name="Macedonian">
        <DisplayName>Факултет</DisplayName>
        <PluralName>Факултети</PluralName>
    </Language>
    <Language name="English">
        <DisplayName>Faculty</DisplayName>
        <PluralName>Faculties</PluralName>
    </Language>
    <Field name="ID" isShownInList="false" isIdentity="true" isPK="true" type="int"
description="Record ID" nullable="false">
        <Language name="Macedonian">
            <DisplayName>ИД</DisplayName>
        </Language>
        <Language name="English">
            <DisplayName>ID</DisplayName>
        </Language>
    </Field>
    <Field name="strName" type="nvarchar" length="30" nullable="false">
        <Language name="Macedonian">
            <DisplayName>Име</DisplayName>
        </Language>
        <Language name="English">
            <DisplayName>Name</DisplayName>
        </Language>
    </Field>
…
    <Constraint type="Unique">
        <Language name="Macedonian">
            <ErrorMessage>Името на Факултетот мора да биде
уникатно.</ErrorMessage>
        </Language>
        <Language name="English">
            <ErrorMessage>Faculty name must be unique</ErrorMessage>
        </Language>
        <CField name="strName" />
    </Constraint>
</Entity>
```

Figure 4. A fraction of the DSL-based domain model for the University News-Board web application.

The third phase is the most difficult and complex part of building web-based application. The application architecture needs to be prepared. After that, the code for one entity is written and then it is generalised through templates. The act of templating the existing, working code for reuse is also called code generalization.

```
<xsl:template match="/">
  <xsl:for-each select="xsource/EntityConfig/Entity[@isActive='true']">
     CREATE TABLE [dbo].[tbl_<xsl:value-of select="@tableName"/>] (
     <xsl:call-template name="TableColumns"/><xsl:if test="@isLogged='true'">,     [changedAt]
[datetime] NOT NULL,
     [changedBy] [varchar](50) NOT NULL</xsl:if>
     ) ON [PRIMARY]
     GO
  </xsl:for-each>
</xsl:template>
<xsl:template name="TableColumns">
  <xsl:for-each select="Field">
  [<xsl:value-of select="@name"/>] <xsl:call-template name="ModelTypeToDB"/><xsl:call-
template name="Collation"/><xsl:choose><xsl:when test="@nullable='true'">
NULL</xsl:when><xsl:otherwise> NOT NULL</xsl:otherwise></xsl:choose><xsl:if
test="@isIdentity='true'"> IDENTITY (1, 1)</xsl:if><xsl:if test="position()!=last()">,</xsl:if>
  </xsl:for-each>
</xsl:template>
```

Figure 5. A fraction of the XSLT template which generates a CREATE TABLE SQL script.

We have written artefact templates that generate the code for the following tiers:

- Data Base: These templates produce SQL scripts to build database tables, constraints, views, indexes, stored procedures for MS SQL Server 2000 and MS SQL Server 2005.
- Data Access Components (DAC): They abstract the logic necessary to access data in a separate set of data access components. They will provide Create, Read, Update and Delete operations to specific business components. The Data Access Components will help to reduce code duplication, provide for data access tuning and optimisation as well as application manageability.
- Business Components: These templates produce Business Components that encapsulate the business logic and rules for each of the business entities.
- Business Layer Service Interface (BLSI): These templates will produce Business Layer Service Interface that will expose the business logic to the presentation layer. The BLSI shields the business logic and allows for changes in

business logic in future making the code maintainable, and decouples the business logic from presentation layer. The BLSI is the façade for the business logic.

- Web User Interface: These templates are the most complex compared to the previous ones. These templates produce the presentation layer which consists of a set of ASP.NET Web Forms. These Web Forms will be responsible for displaying the application data to the users, and for collecting the user input.

Furthermore, we have also developed templates that generate

- Data Transfer objects as generic and strongly typed datasets,
- Web Services,
- Reports in report definition language –client (.rdlc),
- Documentation and online help.

In the last phase, we developed a Software Generator Tool as an add-on for Visual Studio 2005 and Visual Studio 2008, named RoboCod. RoboCod uses the Domain Model written in DSL and the Artefacts Templates corresponding to the technical architecture as two inputs. It produces the code as a one-click activity. The code is ready to be compiled. The produced code is ASP.NET code which together with the handcrafted code is compiled.

Even in the most typical representative of a family of software applications there will be atypical bits of functionality, which cannot be described in the DSL. This functionality still needs to be handwritten by developers. As a rule of thumb, if a business rule appears in less than three entities, then it is more efficient to handcraft the code rather than to model business rule in the DSL and then modify the templates for the artefacts. For less than three entities, building the templates is not recommended. With respect to the handcrafted code, it is very important to preserve the hand written changes to the SF generated code.

Figure 6 shows the class hierarchy which allows the shared ownership and protection of handcrafted code.




Figure 6. Class hierarchy which allows shared ownership

- *DacBase* is an abstract class that defines the base interface and data members for all the DACs.

- *Customer_Base* class implements the methods defined in *DacBase*. This class and every other <*EntityName*>*_Base* class is created and owned by SF, that is, any changes done manually to this class can be overwritten by SF.

- *Customer* class inherits from *Customer_Base* and contains no implementation. It is created (only once) by SF, but it is not owned by SF, that is, any changes done manually to this class will not be overwritten by SF. This class can be used to override the default functionality implemented in *Customer_Base*, if such a need exists.

C# 2.0 feature of partial classes is particularly helpful when we need to have shared ownership over ASP.NET forms, because part of a class can be SF produced while leaving other parts of the class to be written by hand.

4. DESIGN IMPACTS

SFs bring following benefits and advantages to software development:

- **Quality:** SFs use templates to build the code. Improving the quality of the templates is directly translated into increased quality of the overall code base.

- **Horizontal Consistency:** Since the application model is the central and only repository of the functional specification, all the artefacts (code from multiple tiers, documentation, test scripts, help files, deployment scripts etc.) which are automatically produced from the application model will be consistent with each other and up-to-date with the latest version of the model. When SFs are not used, then code improvements which are discovered lately in the project are too expensive and risky to be implemented throughout the whole solution. Consequently, early written code will not contain such code improvements and there will be inconsistent implementations for the same business rules and problems. However, when SFs are used, code improvements discovered lately in the project can still be implemented in the artefact templates, and then can be replicated to the entire solution.

• **Consistent implementation of business rules (Vertical consistency)**: When SFs are not used, the tendency is to have the business rules implemented in only one tier (typically in the business components) in order to avoid the inconsistency of implementations of business rules across different tiers. However, with SFs, the definition of business rules is centralised in the **application model,** not in the **business components**. Then, SF spreads the implementation of the business rules to multiple tiers. Thus, the validation can be done in multiple tiers (validation-in-depth) and the consistency of the business rules is enforced by the SF.

```
<Constraint type="TwoFields" relationship="le">
    <CField name="DisplayFrom" />
    <CField name="DisplayTo" />
</Constraint>
```

a) Definition of a business rule.

```
<xsl:for-each select="Constraint[@type='TwoFields']">
if (validation.vs_compare_<xsl:choose><xsl:when
test="../Field[@name=current()/CField[position()=1]/@name][@type='datetime' or
@type='date']">dates</xsl:when><xsl:otherwise>strings</xsl:otherwise></xsl:choose><xsl:call-
template
name="IsRelationshipNullable"/>(aspnetForm.ctl00_MainContentplaceholder_ctrl<xsl:value-of
select="CField[position()=1]/@name"/>,
aspnetForm.ctl00_MainContentplaceholder_ctrl<xsl:value-of
select="CField[position()=2]/@name"/>, '<xsl:value-of select="@relationship"/>'))</xsl:for-each>
```

b) XSLT template which implements the business rule in the web presentation tier.

```
<xsl:for-each select="Constraint[@type='TwoFields']">
ALTER TABLE [dbo].[tbl_<xsl:value-of select="$TableName"/>] ADD
CONSTRAINT [CK_tbl_<xsl:value-of select="$TableName"/>_<xsl:value-of
select="CField[position()=1]/@name"/>_<xsl:value-of select="CField[position()=2]/@name"/>]
CHECK ([<xsl:value-of select="CField[position()=1]/@name"/>] <xsl:choose>
    <xsl:when test="@relationship='lt'">&lt;</xsl:when>
    <xsl:when test="@relationship='le'">&lt;=</xsl:when>
    <xsl:when test="@relationship='gt'">&gt;</xsl:when>
    <xsl:when test="@relationship='ge'">&gt;=</xsl:when>
    <xsl:when test="@relationship='neq'">&lt;&gt;</xsl:when>
    <xsl:when test="@relationship='eq'">=</xsl:when>
</xsl:choose> [<xsl:value-of select="CField[position()=2]/@name"/>])
GO
</xsl:for-each>
```

b) XSLT template which implements the business rule in the data tier.

```
if (validation.vs_compare_dates(aspnetForm.ctl00_MainContentplaceholder_ctrlDisplayFrom,
aspnetForm.ctl00_MainContentplaceholder_ctrlDisplayTo, 'le'))
```

d) Generated JavaScript code.

```
ALTER TABLE [dbo].[tbl_Vest] ADD
CONSTRAINT [CK_tbl_Vest_DisplayFrom_DisplayTo]
CHECK ([DisplayFrom] <= [DisplayTo])
GO
```

e) Generated SQL script.

Figure 7. Consistent implementation of business rules (Vertical consistency).

- **Productivity:** The productivity gains of SFs are twofold: The templates can be used to produce additional code without any further effort. Code base can be fully rebuilt to cover the changing solution requirements. Time to production is significantly reused, which can obviously improve customer satisfaction.

- **Abstraction:** SFs can store the system specification in a platform or language neutral form. Then this specification can be reused to rebuild the code base in a different language or with different design patterns [10]. System specification can contain business rules and can be written in a form which can be understood and reviewed by the business stakeholders.

- **Maintenance:** Code base is significantly reduced. Thus costs and complexity of maintenance are significantly reduced. The produced solution is more adaptable to the changing functional, non-functional and platform requirements. SF is also used to maintain and enhance the application.

- **Increased developers' satisfaction**: Developers are relieved from the repetitive type of coding since it is covered by the software factories. They can concentrate on those types of tasks which are more challenging, and require more creativity, and thus increase their job satisfaction.

- **Performance improvement**: Code produced by SF has significant performance improvement because it moves certain calculations from run-time to design and code production time, e.g. some logic and components can be implemented in the templates.

- **Support for aspect oriented programming**: XSLT templates can contain aspect advices and join cuts.

- **Improved testing and reliability**: Due to the consistency of implementation of business rules, if there is a problem with the artefact templates it will be discovered in the firstly tested entity. This reduces the amount of testing done on the produced application, and increases the reliability of the software application.

- **Support for rapid prototyping**: SF can be used to rapidly build an application prototype. Prototypes provide the customer with an early preview of the application, and with an opportunity to give an early feedback to the developers. This reduces the risk of misunderstandings between the developers and the customer.

- **Flatter class hierarchy**: Without SF, common functionality is implemented in parent classes from which more specific classes inherit. With SF, common functionality between classes is replicated by the code generator in all the classes where it is needed. Thus inheritance is more rarely used, and SF produces class hierarchy with lower number of levels. Such class hierarchies are easier to understand and modify.

We have also observed the following drawbacks of SFs:

- **Code Bloat**: There is a danger of code bloat. SF-produced code tends to be significantly larger than the hard-crafted code. However, one should note that teh SF-produced code should not be considered as source code for the purpose of time-and-cost estimation, software configuration management etc.

- **XSLT knowledge** is required. XSLT is not mainstream technology yet, and XSLT experienced developers are still hard to find.

- **Dual knowledge**: Developing artefact templates is a very complex task. Only very experienced programmers should be challenged with this task. Developers of templates need to be experienced and knowledgeable in both XSLT and the artefacts' programming language. For example, developing templates for SQL scripts requires knowledge of both XSLT and SQL. Debugging templates is lifts the debugging task to complexity levels not previously experienced by most of the programmers. Such programmers are difficult to find.

5. STATISTICS

Following table gives the percentage of SF generated and handcrafted code in the final fee calculation application for financial institutions.

Handcrafted code	Automated code
686KB (7%)	9440KB (93%)
148 Files (14%)	915 Files (86%)

Table 1. SF generated vs. handcrafted code.

The code that was produced by the SF is about 93% of the total code produced. The remaining 7% were hand coded because the corresponding business rules occurred less than 3 times. Similar percentages were observed also for the other web applications developed by the SF. Automated generation for 93% of the source code does not mean that the development time is reduced by 93%. Writing the templates is a complex programming task because these templates essentially contain the logic to write the code. Still, the improvements in productivity,

consistency, quality, configurability, and functional extensibility are very significant. Depending on the requirements' complexity and their similarity with the already produced templates, application implementation can be cut by 50-90%. Similarly, the time to implement changes in user requirements can be cut by 50 to 90%. Similarly, the time to the first deliverables can be cut by half.

6. Conclusion

In this paper we elaborate the SF approach for rapid development of web applications. Although writing the artefact templates is a complex programming task because they essentially contain the logic to write the code, still the improvements in productivity, consistency, quality, configurability, and functional extensibility are very significant.

Our future work will concentrate around building an extension to the RoboCod Add-On which will allow for visual representation and manipulation of the DSL-based application model. Though this is only a non-functional improvement of our Software Factory, still it will make it more accessible even to less experienced programmers. Second, we will aim towards implementing support for more business rules thus making our SF more applicable to various business domains.

БРЗ АПЛИКАТИВЕН РАЗВОЈ СО СОФТВЕРСКИ ФАБРИКИ

Апстракт

Софтверскиот развој е сеуште базиран на рачно производство, и многу од програмскиот код е сеуште рачно напишан. Софтверскиот развој е многу далеку од крајната цел за негова индустријализација, што е одамна постигнато во другите индустрии. Недостатокот на софтверска индустријализација создава неможност да се справуваме со брзите и чести промени во корисничките барања, и предизвикува неефикасност при развојот.

Аналогно на тоа што другите индустрии го сториле одамна, индустријализација на софтверскиот развој е предложена преку користење на концептот за софтверски фабрики. Ние ја прифативме оваа визија, и развивме наша софтверска фабрика која произведува три-нивовски ASP.NET веб апликации.

Во овој труд, го објавуваме нашето искуство при користењето на овој пристап во софтверскиот развој, и претставуваме компаративни резултати за перформансите и продуцираниот код меѓу традиционалниот развој и развојот со софтверски фабрики.

Клучни зборови: *Брз апликативен развој, Софтверска фабрика,Софтверска индустријализација, Домен-специфичен јазик.*

References

1. Jack Greenfield, Keith Short et al., “Software Factories: Assembling Applications with Patterns, Models, Frameworks, and Tools”, John Wiley & Sons, 2004.
2. Krzysztof Czarnecki, “Generative Programming”, PhD thesis, 1998.
3. Kathleen Dollard, “Code Generation in Microsoft .NET”, Apress, 2004.
4. Jack Herrington, “Code Generation in Action”, Manning, 2003.
5. Robert C. Martin, “Agile Software Development, Principles, Patterns, and Practices”, Prentice Hall; 2002.
6. Ken Schwaber, “Agile Project Management with Scrum”, ISBN:073561993x, Microsoft Press, 2004.
7. Kent Beck, “Extreme Programming Explained: Embrace Change”, Addison-Wesley, 1999.
8. Stephen R. Schach, “Object-Oriented and Classical Software Engineering”, Fifth Edition, WCB/McGraw-Hill, 2002.
9. Anneke Kleppe, Jos Warmer, Wim Bast, “MDA Explained: The Model Driven Architecture: Practice and Promise”, Addison Wesley, 2003.
10. Erich Gamma, Richard Helm, Ralph Johnson, John Vlissides, “Design Patterns: Elements of Reusable Object-Oriented Software, Addison-Wesley Pub Co; First edition, 1995.
11. http://www.w3schools.com/Schema/default.asp
12. Eric van der Vlist, “XML Schema: The W3C's Object-Oriented Descriptions for XML”, O'Reilly Media, June 2002.
13. Michael Kay, “XSLT Programmer's Reference”, Wrox Press, 2000.

37.091.212.7 : [510.22+517.51

Доц. д-р **Ристо ХРИСТОВ**

ПРИМЕНА НА ФАЗИ ФУНКЦИИ И ФАЗИ МНОЖЕСТВА ВО ПРОЦЕСОТ НА ДЕФИНИРАЊЕ НА УЧЕНИЧКОТО ЗНАЕЊЕ

Апстракт

Информатичко-комуникациската технологија во образованието во корен ги измени технологијата на изведување на процесот на учење, улогата на наставниците и учениците, обликот и функцијата на училницата ... Но, сепак најзначајната улога на информатичко-комуникациската технологија е во промената на парадигмата „групно учење“, во прилагодување на процесот на учење према секој ученик посебно. За да се остварува тоа образовниот систем тргнува од ученикот, неговите способности, афинитети и предзнаења.

Во овој труд е направен обид да се применат фази и класичните множества, односно фази и класичните функции во утврдувањето на знаењето на ученикот.

Клучни зборви: *Фази функции, клсични функции, фази моќество, класично множество, фази релација, класична релација, функција на припадност, моќество “Ученици кои не го познаваат материјалот”, множество “Ученици кои го познаваат материјалот “ и множеството “Ученици кои го научиле материјалот”*

1. Фази и класични множества

Нека имаме класично множество (crisp set) на објекти, именувано како универзално множество X, чии елементи ги означуваме со x. Класично подмножество A на универзалното множество X, го опишуваме на тој начин што ги наведуваме сите негови елементи, но при тоа мораме да напомениме дека неговите елементи мораат да исполнат одреден услов P кој го дефинира тоа множество (Елементот од множеството X е и елемент на множеството A ако го исполнува условот P). Вака дефинирано множеството A се запишува на следниот начин:

$$A = \{ x_i | P(x_i) \}, x_i \in X, i = 1, 2, 3, ..., n \quad .....(1)$$

каде x_i е елемент на множеството X за кој условот $P(x_i)$ е вистинит, односно x_i го исполнува условот $P(x_i)$. За кој било елемент x_i од множеството X условот

P може да биде вистинит или невистинит. Ако е вистинит велиме дека x_i припаѓа на множеството *A*, а ако не е вистинит велиме дека x_i не припаѓа на множеството *A*.

Ако сите елементи од множеството *X* преставуваат и елементи од множеството *A*, односно ако $A \subseteq X$ и $X \subseteq A$, тогаш множествата *A* и *X* се еднакви, односно $A = X$. Ако $A \not\subseteq X$ и $X \subseteq A$, тогаш *A* и *X* не се еднакви множества. Тогаш сите елементи од множеството *A* се елементи и на множеството *X*, но постојат елементи од множеството X што не се елементи и на множеството *A*.

Класичното подмножеството *A* може да се определи и со таканаречена карактеристична функција χ_A, која елементите од множеството *X* ги пресликува во множеството {0,1}, на следниот начин:

$$\chi_A(x) = \begin{cases} 1, & x \in A \\ 0, & x \notin A \end{cases} \qquad \text{.....(2)}$$

Карактеристичната функција χ_A одредува кој елемент од множеството *X* припаѓа, а кој не припаѓа на множеството *A*. Имено за секој $x \in X$, *x* е елемент на множеството *A* ако и само ако $\chi_A(x) = 1$, а за $\chi_A(x) = 0$, *x* не припаѓа на *A*.

Со помош на карактеристичната функција χ_A се дефинира множеството *A*. Карактеристичната функција може да има две вредности, 1 или 0. Поимот карактеристична функција може да го овоопштиме така што нејзината вредност не биде само 1 или 0, туку се менува во интервалот [0,1] од реални броеви. Во тој случај карактеристичната функција преминува во функција на припадност $\mu_A : X \rightarrow [0,1]$. Таа ни покажува со кој степен елементот *x* припаѓа на множеството А ($x \in A$). Поголема вредност на функцијата на припадноста (поблиску до 1) означува дека елементот *x* "повеќе припаѓа" на множеството *A*, а помалата вредност означува дека *x* "помалку припаѓа" на множеството *A*. Ако повеќе елементи од множеството *X* имаат вредност на функцијата на припадност поблиску до 1, тогаш повеќе елементи од множеството *X* припаѓаат во множеството *A*. Остра граница меѓу припадноста и неприпадноста не постои, туку постои еден интервал на вредности од 0 до 1 во кој се наоѓа вредноста на функцијата на припадноста за секој елемент од множеството *X*. Оваа функција преставува фази функција и го дефинира степенот во кој условот *P* е задоволен за секој елемент *x* од универзалното множеството *X*.

Множеството A потполно се опишува со елементот x и функцијата на припадноста μ, а се прикажува со парот:

$$A = \{ \mu(x)/x \in X \} \quad \text{.....(3)}$$

Ако множеството X е конечно т. е. $(x = x_1, x_2, ..., x_n)$, тогаш фази множеството A го прикажуваме со паровите $\mu(x_i)|x_i$, бидејќи секој елемент x_i се опишува со степенот на припадноста $\mu(x_i)$ на множеството A. Тоа симболички го прикажуваме како збир од паровите:

$$A = \{ \mu(x_1)/x_1, \mu(x_2)/x_2, ..., \mu(x_n)/x_n \} = \sum \mu(x_i)/x_i ,$$
$$za\ za\ x_i \in X,\ i=1, 2.., n \quad \text{.....(4)}$$

Ако множеството X е бесконечно тогаш го прикажуваме како интеграл на паровите од елементот x и неговиот степен на припадноста на множеството A.

$$A = \int_x \mu(x)/x \quad \text{.....(5)}$$

Разликата меѓу фази и класичните множества ја илустрираме со следниот пример:

Извршено е тестирање по предметот математика во едно III одделение. Успехот на учениците се вреднува во бодови (од 0 до 100 бодови). Во зависност од постигнатите резултати учениците се поделени во три групи:

- Првата група е група која има успех од 0 до 30 бодови, за која велиме дека не го познава материјалот.
- Втората група е група која има успех од 30 до 70 бодови, за која велиме дека го познава материјалот.
- Третата група е група која има успех од 70 до 100 бодови, за која велиме дека го научила материјалот.

Ако, за прикажување на успехот, се применуваат класични функции, тогаш учениците од првата група припаѓаат на множеството "Ученици кои не го познаваат материјалот", од втората на множеството "Ученици кои го познаваат материјалот", а од третата на множеството "Ученици кои го научиле материјалот".


Класичните функции на припадноста на множеството "Ученици кои не го познаваат материјалот", на множеството "Ученици кои го познаваат материјалот" и на множеството "Ученици кои го научиле материјалот" математички се претставени со релаците 6, 7 и 8:

$$\mu(x)= \begin{cases} 1, & x \le 30 \\ 0, & x > 30 \end{cases} \qquad \text{.....(6)}$$

$$\mu(x) = \begin{cases} 0, & x < 30 \\ 1, & 30 \le x \le 70 \\ 0, & x > 70 \end{cases} \qquad \text{.....(7)}$$

$$\mu(x) = \begin{cases} 0, & x < 70 \\ 1, & x \ge 70 \end{cases} \qquad \text{.....(8)}$$

Тоа графички се преставува како на Сликата 1.



Слика 1. Графикон на успехот на учениците изразен со примена на класични функции на припадност

Кај фази множествата не постои остра граница меѓу припадноста. Учениците со успех од 25 до 35 бодови. Тие можат да припаѓаат и на множеството "Ученици кои не го познаваат материјалот" и на множеството "Ученици кои го познаваат материјалот". Учениците со успех меѓу 65 и 75 бодови можат да припаѓаат и на множеството "Ученици кои го познаваат материјалот" и на множеството "Ученици кои го научиле материјалот". Затоа во тие интервали вредноста на функцијата μ е меѓу 0 и 1.

Една фази функција на припадност на множеството "Ученици кои не го познаваат материјалот", на множеството "Ученици кои го познаваат материјалот" и на множеството "Ученици кои го научиле материјалот" може да се претстават на следниов начин:


$$\mu(x) = \begin{cases} 1, & x \leq 25 \\ \dfrac{35-x}{10}, & 25 < x < 35 \\ 0, & x \geq 35 \end{cases} \qquad \text{.....(9)}$$

$$\mu(x) = \begin{cases} \dfrac{x-25}{10}, & 25 < x < 35 \\ 1, & 35 \leq x \leq 65 \\ \dfrac{75-x}{10}, & 65 < x < 75 \\ 0, & 75 \leq x \leq 100 \end{cases} \qquad \text{.....(10)}$$

$$\mu(x) = \begin{cases} 0, & x \leq 65 \\ \dfrac{x-65}{10}, & 65 < x < 75 \\ 1, & 75 \leq x \leq 100 \end{cases} \qquad \text{.....(11)}$$

Во овој пример збирот на степените на припадноста на множеството "Ученици кои не го познаваат материјалот", на множеството "Ученици кои го познаваат материјалот " и на множеството "Ученици кои го научиле материјалот" за една иста група секогаш е еднаков на 1.

Графиконот на фази множествата од горниот пример изгледа како на Слика 2.




Слика 2. Графикон на успехот на учениците изразен преку фази функции на припадност

Рековме дека вредноста на функцијата на припадност μ претставува степен на припадност n на елементот x на множеството A. Во конкретниот пример степенот на припадност n покажува колку ученици од првата група припаѓаат на множеството "Ученици кои не го познаваат материјалот", колку ученици од првата група припаѓаат на множеството "Ученици кои го познаваат материјалот" и колку ученици од првата група припаѓаат на множеството "Ученици кои го научиле материјалот". Истото се однесува и за останатите две групи. Се одредува со пресметка на вредноста на припадната функција за секој ученик посебно.

Нека на пример при пресметката на вредноста на степенот на припадност n за множеството "Ученици кои не го познаваат материјалот" за сите три групи сме ги добиле следните вредности:

n = { 1.0/прва група, 0.3/втора група, 0/трета група} .....(12)

Степенот на припадноста на множеството "Ученици кои не го познаваат материјалот" за секоја група во предходниот пример е даден со графиконот на Слика 3 .



Слика 3. Графикон на степенот на припадноста на множеството "Ученици кои не го познаваат материјалот" за учениците од првата, втората и третата група

Учениците од првата група имаат степен на припадност на множеството "Ученици кои не го познаваат материјалот" еднаков на 1, односно сите ученици од првата група не го познаваат материјалот. Тие имаат успех меѓу 0 и 35 бодови.

Степенот на припадност на учениците од втората група има вредност 0.3. Тоа значи дека 30 % од учениците од оваа група не го познаваат материјалот. Тие постигнале успех меѓу 25 и 35 бодови.

Степенот на припадност на учениците од третата група е 0. Тоа значи дека не постои ученик од третата група кој не го познава материјалот (сите го имаат научено) и секој има освоено над 60 бодови.

Да погледаме уште некои дефиниции кои се важни при примената на фази множествата и нивните функции на припадност:

- *Подрачје (support)* на фази множеството *A* кое го означуваме со *supp(A)* се вика класичното подмножество на множеството *X*, чии елементи имаат вредност на функцијата на припадност поголема од 0, односно:

$$supp(A) = \{ x \in X : \mu_A(x) > 0 \} \quad \text{.....(13)}$$

- *Јадро (kernel)* на фази множеството A е класично подмножество на множеството X, чии елементи имаат вредност на функцијата на припадност еднаква на 1, односно:

$$kernel(A) = \{ x \in X : \mu_A(x) = 1 \} \quad \text{.....(14)}$$

- *Висина (height)* на фази множеството A, се означува со $hght(A)$ е најголемата вредност на функцијата на припадност која може да ја има некој елемент на множеството X:

$$hght(A) = \sup_{x \in X} \{ \mu_A(x) \} \quad \text{.....(15)}$$

- *Нормирано (normalized)* фази множеството A е онаа множество кај кое важи дека:

$$\exists x \in X : \mu_A(x) = 1 \quad \text{.....(16)}$$

Кога фази множеството A е нормирано тогаш неговата висина

$$hght(A) = 1 \quad \text{.....(17)}$$

- *α пресек (α - cut)* на фази множеството A, означено со A_α се вика класичното подмножество на множеството X, чии елементи имаат вредност на функцијата на припадност поголема или еднаква на α, односно:

$$A_\alpha = \{ x \in X : \mu_A(x) \geq \alpha \} \quad \text{.....(18)}$$

Во нашиот пример за множеството на "Ученици кои не го познаваат материјалот" подрачјето $supp(A)$ = { прва група, втора група }, висината $hght(A)$ = {1,0.3}= 1, пресекот $A_{\alpha 0}$ = { прва група, втора група, трета група} , пресекот $A_{\alpha 0.3}$ = { прваа група, втора група} и пресекот $A_{\alpha 1}$ = {прва група}.

Под поимот релација подразбираме врска, интеракција или меѓусебно влијание меѓу елементите од едно множество или меѓу елементите од две или повеќе множества. Како што постојат класични и фази множества, така постојат класични и фази релации. Класична релација над класични множества представува присутност или одсутност на врска меѓу елементите внатре во едно множество или меѓу елементите од две или повеќе множества.

Релацијата меѓу класичните множества $X_1, X_2, X_3, ..., X_n$ представува подмножество на картезиевиот производ $\underset{i \in I}{\times} X_i$. Се означува со изразот $R(X_1, X_2, X_3, ..., X_n)$ или пократко $R(X_i | i \in I$, т.е.:

$R(X_1, X_2, X_3, ..., X_n) \subseteq X_1 \times X_2 \times X_3 \times ... \times X_n$

Картезиевиот производ $X_1 \times X_2 \times X_3 \times ... \times X_n$ преставува универзално множество за релацијата меѓу множествата $X_1, X_2, X_3, ..., X_n$. Бидејќи и самата релација е множество, основните поими од множествата како што се подмножество, унија, пресек ... можат да се применат без да се модифицираат.

Секоја класична релација R може да се дефинирана со својата карактеристична функција χ_R која може да има вредност 1 за секој n-торка од универзалното множество која припаѓа на релацијата или 0 за секоја n-торка која не припаѓа на релацијата. Тоа математички се опишува со изразот:

$$\chi_R (x_1, x_2, x_1,..., x_n) = \begin{cases} 1, \text{ ако } (x_1, x_2, x_1,..., x_n) \in R \\ 0, \text{ ако } (x_1, x_2, x_1,..., x_n) \notin R \end{cases} \quad .....(19)$$

Припадноста на n-торката на релацијата, означува дека нејзините елементи се во релација еден со друг.

Нека на пример имаме две множества: множество **“Мажи”** и множество **“Жени”**. Нека релацијата меѓу елементите од овие множества е **“Стапување во брак”**. Кој било елемент од едното множество може да стапи во брак т. е. да формира пар со кој било елемент од другото множество, но само кај оние парови кои стапуваат во брак карактеристичната функција има вредност **1**, а за останатите има вредност **0**. Оваа релација можеме да ја прикажеме и преку матрица:

	жена1	жена 2	жена 3	жена 4
маж 1	0	1	0	0
маж 2	1	0	0	0
маж 3	0	0	1	0
маж 4	0	0	0	1
маж 5	0	0	0	0
маж 6	0	0	0	0

Од матрицата гледаме дека секој маж може да стапи во брак со секоја жена, но само паровите маж 1-жена 2, маж 2-жена 1, маж 3-жена 3 и маж 4 и жена 4 стапиле во брак. Вредноста на нивната карактеристична функција е 1, за останатите е 0.

Ако класичната релација ја овоопштиме на тој начин што и дозволиме различни степени или јачини на поврзување во интервалот [0,1], тогаш од класична релација преминуваме во фази релација. Фази релацијата се дефинира со помош на нејзината функција на припадност μ_R, а степенот на поврзаноста се дефинира со вредноста на таа функција. Вредноста на функцијата на припадност μ_R не е само 0 или 1, туку се менува во интервалот [0,1].

Фази релацијата ја претставуваме како подреден пар од елементите $\underset{i\in I}{\times} X_i$ и функцијата на припадност μ_R. Релацијата се опишува со изразот:

$$\boldsymbol{R = \int\limits_{\underset{i\in Nn}{\times}} \mu_R (x_1, x_2, ...x_n)/ (x_1, x_2, ...x_n)} \qquad .....(20)$$

Кога индексот n = 2 имаме бинарна релација, т.е. релација меѓу две множества. Таа е дефинирана како фази подмножество на картезиевиот производ $X \times Y$ и некои подредени парови (x,y), каде $x \in X$ и $y \in Y$. Нека на пример имаме множество X = {Борко, Катерина} и множество Y = {Аце, Ивана}. Меѓу нив е воспоставена е релацијата "Другарство". Релацијата математички е опишана со изразот:

$$\boldsymbol{R(X,Y) = \{\mu_R(x, y)/ (x, y)\}} \qquad .....(21)$$

каде μ_R = "другарство" = {0.6/(Борко,Аце), 0.3/(Борко, Ивана), 0.7/(Катерина, Аце), 0.1/(Катерина,Ивана)}.

Релацијата можеме да ја изразиме и преку матрицата:

	Борко	Катерина
Аце	0.6	0.7
Ивана	0.3	0.1

Посебен вид на бинарната релација е релацијата меѓу елементите од едно исто множество. Релацијата претставува подмножество на картезиевиот производ X×X.

Нека на пример е дадено множеството X = {Борко, Катерина, Ана}. Нека меѓу елементите на множеството X е дефинирана релацијата "Ист успех во училиштето".

Релацијата се дефинира со соодветната функција на припадност

μ = "Ист успех во училиштето" = {1.0/(Борко,Борко), 0.5/(Борко,Катерина), 0.25/(Борко, Ана), 0.5/(Катерина,Борко) , 1.0/(Катерина,Катерина), 0.5/(Катерина,Ана), 0.25/(Ана,Борко), 0.5/(Ана, Катерина)} .....(22)

или преку матрицата:

	Борко	Катерина	Ана
Борко	1.0	0.5	0.25
Катерина	0.5	1.0	0.5
Ана	0.25	0.5	1.0

.....(23)

Множествата, односно нивните елементи и релациите меѓу нив, графички ги преставуваме на три начина: во вид на низа (праволиниски), во вид на дрво (разгрането) или во вид на граф. Графичкото преставување во вид на граф е најсликовито преставување на состојбите кај споменатите множества. Всушност графичките преставувања во вид на низа или дрво преставуваат еден вид граф.

Секој граф е дефиниран со подреден пар *(V,E)*, каде V е множество јазли, а $E \subseteq V \times V$ е множество ребра меѓу јазлите од множеството V.

Нека u и v се елементи на множеството V $(u,v \in V)$. Графот е насочен ако вреди дека $(u,v) \neq (v,u)$, во спротивно графот не е насочен.


Во графовите секоја врска има одредена тежина (се нарекува капацитет на врската) која претставува моќ на поврзување меѓу јазлите. Нека на пример со e_i ја означиме врската меѓу два јазли од графот G. Таканаречената тежинска функција W ја пресликува врската во реална бројка $W: E \rightarrow R$, односно на секоја врска $e_i \in E$ и одредува тежинска вредност $w_i = W(e_i)$. На тој начин секоја врска од графот се дефинира со одредена тројка (u, v, w) каде u и v се јазли, односно $u,v \in V$, w е тежина $(w \in R)$, а R е множество на реални броеви.

За два јазли $u,v \in V$ од графот се соседни ако меѓу нив постои врска $(u,v) \in E$.

Нека постои подредена низа од n јазли $S_0, S_1, S_2, ..., S_n$ така што секои S_k и S_{k+1} се соседни за $\forall k \in [0, 1, 2, ..., n-1]$. Редоследот на јазлите го нарекуваме пат на графот од јазолот S_0 до јазолот S_n. Тој ни покажува како можеме да стигнеме до јазолот S_n. S_0 се вика почетен јазол на патот, а $\boldsymbol{S_n}$ се вика краен јазол. Останатите јазли се викаат средишни јазли.

Графот може да биде класичен или фази. Класичниот граф е дефиниран со подреден пар (V,E) каде V е класично множество јазли, а E е класично множество релации. Ако пак и двете множества се фази множества или пак само едно од нив е фази множество, тогаш за графот G велиме дека е фази граф.

На Слика 4 даден е граф за релацијата "Ист успех во училиште".



Слика 4. Пример за граф за релацијата "Ист успех во училиште"

2. Дефинирање на знењето на ученикот во MatHypSystem - прилагодлив образовен хипермедиски систем

MatHypSystem е прилагодлив образовен хипермедиски систем кој ги има сите карактеристики на прилагодливите системи опишани во глава 2.2.3.4. Тој му нуди на ученикот управуван процес на учење, но процес кој динамички се прилагодува според неговите индивидуални способности, потреби и желби.

Почитувајќи ги правилата за дизајнирање и прилагодување на моделот на ученикот би требало моделот на ученикот да биде така креиран да може да се прилагоди према можностите, степенот на знаење и карактерот на секој ученик посебно. Но бидејќи MatHypSystem е предвиден да се користи како образовна алатка во наставата по математика во образовниот систем на Република Македонија, каде се практикува групна настава, практично тој користи два модела на ученик: модел за секој ученик посебно и групен модел на ниво на одделение. Моделот за секој ученик посебно е прекривен модел, додека групниот модел е стереотипен модел.

Моделот за секој ученик посебно, односно моделот по групи се одредува со тестирање.


Моделот "Ученик" не е статична категорија, туку динамична. Тоа е категорија која континуирано се менува и ажурира со секое тестирање.

Прв чекор при дефинирањето на карактеристиките на моделот "Ученик" е одредување на вредноста на коефицентот на тестирање К. Овој коефицент може да има вредност меѓу 0 и 1 ($0 \le K \le 1$), во зависност од процентот на освоените бодови. Процентот на освоените бодови $B_{\%}$ се пресметува со релацијата:

$$B_{\%} = \frac{\textit{освоени бодови}}{\textit{можни бодови}} \,.\, 100\,[\%] \qquad .....(24)$$

Зависноста на вредноста на коефицент К од процентот на освоени бодови $B_{\%}$ претставува дисконтинуирана функција. Нејзиниот облик табеларно и графички е даден на Слика 5.

Коефицент ***K***	% на освоени бодови $B_{\%}$
0,00	$0 \le B_{\%} < 30$
0,30	$30 \le B_{\%} < 50$
0,50	$50 \le B_{\%} < 70$
0,70	$70 \le B_{\%} < 90$
0,90	$90 \le B_{\%} < 100$
1,00	$B_{\%} = 100$



Слика 5. Табела на зависноста на коефицентот *K* од % на освоени бодови при тестирање $B_{\%}$

Коефицентот *K* ја дефинира функцијата на научености μ според која се одредува покриеноста на моделот на ученикот врз содржината на базата на знаење, односно кој дел од содржината на базата на знаење ученикот го научил.

Во MatHypSystem функцијата на научености μ преставува класична функција. Таа може да има само две вредности, нула или еден. Покрај нумеричката вредност, μ поприма и описна вредност. Описната вредност ја опишува состојбата со соодветниот концепт, дали тој е непознат, доволно познат, добро познат, многу добро познат или научен од страна на ученикот. Описната вредност преставува параметер кој ни го прикажува степенот на припадноста на ученичкото познавање на концептот на множеството непознати концепти, на множеството познати концепти или множеството на научени концепти. Тргнувајќи од начинот на вреднување на ученичкото знаење во актуелната наставна практика во Република Македонија, множеството на познати концепти е поделено на множество доволно познати концепти, множество добро познати концепти и множество многу добро познати концепти. Вредноста на функцијата μ во зависност од променат на коефицентот K се менува на следниот начин:

$$\mu(K) = \begin{cases} 1, \text{непознат} & 0 < K < 0{,}3 \\ 1, \text{доволно познат} & 0{,}3 < K < 0{,}5 \\ 1, \text{добро познат} & 0{,}5 < K < 0{,}7 \\ 1, \text{многу добро познат} & 0{,}7 < K < 0{,}9 \\ 1, \text{научен} & 0{,}9 < K < 1 \end{cases} \quad \text{.....(25)}$$


Значи функција на ученичкото познавање на концептот μ претставува збир од 5 функции.

$$\mu(K) = \mu_1 + \mu_2 + \mu_3 + \mu_4 + \mu_5 = 1 \quad \text{.....(26)}$$

каде μ_1 претставува функција на припадноста на множеството непознат концепт, μ_2 претставува функција на припадноста на множеството доволно познат концепт, μ_3 претставува функција на припадноста на множеството добро познат концепт, μ_4 претставува функција на припадноста на множеството многу добро познат концепт и μ_4 претставува функција на припадноста на множеството научен концепт.

Ако функција $\mu_5 > 0$, тогаш $\mu_1 = 0$ и обратно ако функција $\mu_1 > 0$, тогаш $\mu_5 = 0$.

На Слика 6 даден е дијаграм на зависноста на функцијата на наученост μ од коефицентот K.



Слика 6. Графикон на функцијата на наученост μ од коефицентот K

Податоците за карактеристиките на моделот на ученикот се запишуваат во датотеките Ucesnici , односно Grupi во базата Baza Tester.

Во зависност од вредностите на функцијата μ, MatHypSystem предлага пакет инструкции за понатамошен тек на процесот на учење. Инструкцијата всушност претставува единица за учење. Тоа е особено важно при процесот на подучување, каде мораат да се следат инструкциите кои ги предлага Системот и према нив да се насочува процесот на учење.

Литература

1. George J. Klir and Bo Yuan, FAZZY SETS AND FAZZY LOGIC Theory and Applications, Prentice Hall PTR Upper Saddle River, New Jersey, 1995



ФАКУЛТЕТ ЗА
АРТ И ДИЗАЈН

316.74 : 7(48)

Доц. д-р **Донка БАРЏИЕВА ТРАЈКОВСКА**

ФЕНОМЕНОТ НА СКАНДИНАВСКИОТ МОДЕРНИЗАМ

Апстракт

Во текстот се говори за феноменот на скандинавскиот модернизам кој се појавува во педесетите години на дваесетиот век во Финска, Данска, Шведска, со силен продор во цела Европа и надвор од континентот. Како синоним на ,,добар дизајн,, особено е популарен во интелектуалните кругови на Америка и Канада каде е предмет на копирање и имитација. На основите на лутеранската религија преточена во верувањето дека со чесна работа може да се стекне спасение, скандинавските земји успеваат да изградат специчична дизајнерска филозофија со силен етички предзнак .

Клучни зборови: *Скандинавски модернизам, демократичност, ,,добар дизајн,, хуманизам, традиција, умереност, занаетчиски перфекционизам, скромност и целисходност, Алвар Алто, Елие и Еро Саринен, Арне Јакобсен.*

Вовед

Феноменот на скандинавскиот модернизам кој доминантно го обележа дизајнот на ентериер и мебел кон средината на дваесеттиот век, има своја генеза која навлегува малку подлабоко во минатото, односно на преминот од деветнаесетиот во дваесетиот век. Имено, тоа е период кога во Европа се случуваат големи промени во модернистичкото движење, што ја овозможуваат трансформацијата на модернизмот во Интернационален стил. Новиот модернистички интернационален стил, се формира од бројни автентични понуди на различни држави, во кои се инкорпорирани елементи од нивната традиција, култура, и јазик како отелотворен критички, креативен гениј. Како и во поголемиот дел од Европа и во Скандинавија, модернизмот доживува радикален пресврт поминувајќи го патот од провинциска изолација до самопотврдување на интернационално ниво[1]. Активностите на

[1] *lustrated review*. Nyt Nordisk Forlag Arnold Busck. 1990; Zahle, Erik. *A Treasury of Scandinavian Design*. Golden Press. New York. 196lMcFadden, David, ed. *Scandinavian Modern Design: 1880-1980*. Cooper-Hewitt Museum/Harry N. Abrams. New York. 1982; Opie, Jennifer Hawkins. *Scandinavia Ceramics and Glass in the Twentieth Century*. The

полето на дизајнот кои во Европа започнуваат околу 1880 година, влијаат и на формирањето на скандинавскиот препознатлив израз. Во овие активности е вклучен и поширокиот географски регион на Данска, Шведска, Норвешка, Финска и Исланд, како скандинавска матрица на разноликост на различни политички, јазични и културни традиции од кои ќе произлезе специфична, автентична филозофија во дизајнот. Секоја од скандинавските држави го дава својот значаен придонес во формирањето на модерната традиција, одговарајќи на различен начин на предизвиците на современото време.

Обединувачкиот фактор кој има значително влијание во создавањето на специфичен скандинавски дизајн се забележува во односот кон новите чинители на современиот начин на живот, односно нивното кредо во социјалната еднаквост, индустријализацијата и урбанизацијата. Влијанието на овие фактори во уметноста и занаетите, во секоја земја се случува на различен начин, овозможувајќи во секоја од нив да се појави посебен препознатлив идентитет на дизајнерската традиција. Кон средината на векот, дизајнот во овие земји веќе се идентификува како посебен „стил“ на модерниот скандинавски дизајн, во кој можат да се откријат заеднички карактеристични елементи препознатливи во хуманизмот, традицијата, умеронста, занаетчискиот перфекционизам, скромноста и целисходноста.[2] Сите наброени карактеристики, претставуваат заеднички генерални ознаки што го прават препознатлив скандинавскиот „стил“ во кој се присутни и посебни автентични елементи, карактеристични за секоја земја, поединечно. Скандинавските земји Данска, Шведска и Финска, се земјите кои се најуспешни во имплементацијата на модерната естетика во занаетчиството во Европа. Ова се должи на повеќе фактори, но особено на посебните геополитички и економски услови, поврзани пред сé со малата и хомогена полупалција и природните ресурси, погодни за создавање на силна занаетчиска традиција. После распадот на занаетчискиот систем на гилди, кон средината на деветнаесеттиот век, во овие земји се формирани бројни институции за одбрана од напливот на странски масовно произведени продукти. Еден таков пример е Шведското друштво за заштита на занаетчискиот и индустриски дизајн[3], формирано во 1845 година, за одбрана и зачувување на високите стандарди на шведското занаетчитство. Веќе пред 1900 година, во дизајнот и во применетите уметности на овие земји се забележува силна инспирација од нивната традиција, посебно во Норвешка, каде нејзината викиншка обнова, доживува голема популарност. Норвежани-

Collections of the Victoria & Albert Musem (London). Rizzoli International Publications. New York. 1990*l*

[2] Englund, Magnus, Scandinavian Modern, Ryland Peters & Small, 2007;
Gura, Judith, Sourcebook of Scandinavian Furniture Design for 21-st Century,W.W. Nortons Company, 2007; Fiell, Charlotte, Scandinavian Design, Taschen, 2003;

[3]Svenska Slšjdfšrenin (Swedish Society of Craft and Industrial Design)

те стануваат познати надвор од Скандинавија со големата изложба на уметност и занаети организирана во 1897 година, во Стокхолм - „Exhibition of Arts and Industries"- претходница на парискатa „Exposition Universelle" одржана во 1900 година.

Шведска

Првиот сигнал за најава на кохезивниот/интегрирачки концепт во шведскиот дизајн се појавува со книгата на Грегор Паулсон, објавена во 1919 година „Повеќе убави нешта за секојдевна употреба" (Vackrare Vardagsvara). Од позиција на директор на Шведскиот совет за дизајн, тој ја истакнува потребата за нови производи кои немаат елитистички карактер, односно потребата за производи за широка употреба, со високи естетски квалитети. Оваа иницијатива е присутна во 20–те и 30-те години, како своевидна потрага по дизајн стил, во кој ќе бидат обидинети едноставноста и убавината, хуманизмот и демократските идеи. Производите што се изработени според овој концепт, поседуваат високи квалитети и набргу стануваат толку престижни, што во 1925 година на парискатa *Exposition des Arts Décoratifs et Industriels Modernes*, скандинавските дизајнери добиваат бројни награди.[4] Шведските дизајнери, направија совршен декоративен стил во кој се обединуваат две струи - класицизмот и формите на Арт Деко. Во овој период, еден друг дел од шведското производство навлегува длабоко на американскиот пазар - Volvo, Saab, Elecrolux, Lego, Ericofon, Luxo and Poulsen – прераснувајќи во силни компании на интернационалниот пазар. За разлика од Америка, скандинавскиот дизајн меѓу двете војни не се поврзува со етиката за високо технолошка масовна продукција, туку истражува и експериментира со можностите за поврзување на традиционални начини на производство и естетските иновации.

Финска

Голем наплив на скандинавска естетика се појавува во Америка во 1923 година, кога архитектот Елиел Саринен, на возраст од 50 години ја напушта Финска и својата кариера, за да дојде во Њујорк, а две години

[4] На парискатa *Exposition des Arts Décoratifs et Industriels Modernes*,скандинавските дизајнери добиваат вкупно 35 Grand Prix награди, 46 златни медаљи, 13 бронзени медаљи и 13 почесни.

подоцна, во Блумфилд Хилс[5]. Во 1932 година, тој станува првиот директор на Кранбрук Академијата за уметност, која функционира во комплексот на градби што самиот ги дизајнира, со програма за едукација и пракса на архитекти, уметници и дизајнери. Во периодот меѓу двете светски војни во оваа Академија дипломираат еминентни скандинавски имиња од уметноста и дизајнот како што се Ееро Саринен, Хари Бертоја[6] Реј и Чарлс Имс, Флоренс Кнол и Ралф Рапсон. Во 1930 година во Стокхолм е организирана изложба на која се презентирани дела на шведски дизајнери, на која во областа на архитектурата доминира фунционализмот, а во декоративните уметности хуманистичката естетика. Станува збор за присутна концепциска разлика која кај архитектите се поврзува со влијанието од современата германска и француска архитектура, додека кај дизајнерите од применетата уметност (керамика, стакло и мебел), со влијанието од домашната традиција. Одовде и расцепот кој се појавува помеѓу нив нарекувајќи се *Funkis* и *Tradis* (функционалисти и традиционалисти). Во триесетите години воопшто не е намалена шведската поддршка на традицијата во дизајнот и декоративните уметности, а поделбата продолжува низ целата декада. Во 1930 година, на американскиот континент, поточно во Њујорк, постои иницијатива за организирање на светски заем на шведски и дански модерен стил, која е реализирана после Втората светска војна, во времето кога овој стил постигнува максимална интернационална популарност особено со дизајнот на мебел за домаќинство. Популарноста на скандинавскиот дизајн ќе предизвика масовно производство на мебел дизајниран според скандинавската естетика, за клиентела, од помодните американски кругови.[7] Иако шведскиот модернизам во Америка, никогаш не го достигна нивото на популарност на мебелот на Баухаус и неговата трансформација во streamline-moderne, со хромирани елементи[8] тој е широко распространет стил, во кој се препознаваат позитивни идеи на хуманизам, традиција, умереност и демократија. Многу често употребуваниот термин „шведски дизајн“ всушност, претставува поднаслов за „Движењето за здравје во дизајнот“, кованица употребена од критиката за објаснување на шведската опрема за ентериер: овој термин ќе прерасне во синоним за генерално детерминирање на сета опрема и мебел кој е составен дел на ентериерот на шведскиот стил.

[5]Bloomfield Hills се наоѓа близу Детроит. Слично како Валтер Гропиус и Баухаус, Елиел Саринен ја конципира Академијата за уметност во Cranbook, како школа за уметност и дизајн, базирана на премисите за занаетчиска куќа и како лабораторија за индустрија. Albert Christ-Janer. *Eliel Saarinen: Finnish-American architect and educator*. Chicago: University of Chicago Press. 1979

[6] David Raizman, *History of Modern design*, Prentice Hall Art, 2003,p.249;

[7] McLendon,Sandy,The MODERN MAMA HAD:Scandinavian Modernism in America:www.jetsetmodern.com/danish.htm

[8]Во Америка, металот дефинитивно има предност во однос на дрвото

Терминот „шведски дизајн“ се појавува повторно на изложбата во Чикаго во 1933 година и на изложбата во Париз во 1937 година, со слично значење како терминот „шведска грациозност“ со која се опишуваат предметите на шведските дизајнери од применетата уметност, изложени во 1920 година, а се однесува на нивниот квалитет кој им дава привлечен и грациозен изглед на предметите за секојдневната употреба. Приказната за нордискиот дизајн меѓу 1940-50 година се карактеризира со огромна разлика во однос на паралелната американска, заради скромното ниво на развој на скандинавската индустрија која и понатаму е ориентирана кон поддршка на традицијата во применетите уметности. Во овој правец водечки земји се Данска и Финска кои посебно водат сметка за институционално, едукативно ниво, како неопходно за зачувување на занаетчиската традиција. Веќе кон средината на векот во овие земји се чувствува потреба од интеграција на занаетчиството со комерцијално производтсво, односно за потреба од тоа што тие го нарекуваат „индустриска уметност“. Хуманистичкиот пристап во скандинавскиот дизајн се појавува во една непретенциозна форма, како резултат на скандинавскиот однос кон природната околина и верувањето дека човекот, а не машината, го одредува изгледот на предметите за секојдневна употреба. Верувањето во улогата на традицијата како база за иновација, лежи во корените на нивниот напор за спојување на рачната работа со онаа на машината, поврзувањето на стариот со новиот материјал и дваесеттиот век со минатото.

Данска

Од сите скандинавски земји, данското производство на мебел, најконзистентно е базирано на ставот за занаетчиската основа на скандинавската индустрија. Данското производство на мебел има долга традиција на висок квалитет, тоа е рачно изработен мебел кој во поствоениот период доживува светска репутација. Данска и Финска, се земји во кои индустријализацијата не предизвика такво силно пореметување како во Англија, ниту пак последиците од светските војни беа од таков размер, да ја пореметат добрата соработка меѓу дизајнерите и уметниците, како што тоа беше случај со други делови на Европа.

Данска е главниот извозник на тиково дрво во Европа, а скандинавскиот стил со едноставните форми и светли, пријатни линии, сосема соодветствува на демократските хуманистички идеи. После Втората светска војна, (после 1945 година), Шведска ќе прерасне во модел на социјална држава, а скандинавскиот дизајн многу често се сретнува во апартманите и домовите на интелектуалците од средната класа/образованата средна класа во Европа. Новите форми на машински обработеното дрво, како и иверката и ламинатот, исто така ги охрабруваат дизајнерите за експериментирање со

нови форми. Финскиот архитект и дизајнер Алвар Алто и шведскиот дизајнер Бруно Матсон, изработуваат многу впечатливи експериментални дела во оваа област. **Алвар Алто** во Финска има проектирано и изградено преку двеста приватни и јавни објкети кои му обезбедуваат репутација на еден од најголемите архитекти на модерното време.[9] Мебелот што го дизајнира е во согласност со архитектурата како нејзин составен органски дел. Примери за неговиот концепт на работа, се столовите дизајнирани за градската библиотека во поранешниот фински главен град Випури и извиените столици дизајнирани за Паимио Пулмонарниот Санаториум близу Турку.[10]



Слика 1. Алвар Алто, Паимио столица

[9]Eeva Liisa Pelkomen. *Alvar Aalto (Architecrure, Modernity and Geopolitics) Art*. 2009; Richard Weston. *Alvar Aalto*. Pheidon Press. 1997; Goran Schiet. *Alvar Aalto Masterworks (Universe Architecture Series)*. Universe Publishing. 1998; Malcolm Quantrili. *Alvar Aalto: A Critical Study*. New Amsterdam Books. 1990; Sarah Menin. *Nature and Space: Alto and Le Corbusier*. Routledge. 2002; Alvar Aalto. Alvar Aalto: Between Humanism and Materialism. *MOMA*. New York. 2002; Alvar Aalto. *Alvar Aalto Furniture*. MIT Press. 1983; Marian Moffett, Michael Fazio, Lawrence Woehouse. *A World History of Architecture*. Laurence King Publishing. 2003, стр.533-537

[10] Goran Schiet. *Alvar Aalto Masterworks (Universe Architecture Series)*. Universe Publishing. 1998. стр.216-228



Слика 2. Алвар Алто, Стол, модел бр.31

Алто ги транспонира генералните принципи и елеганцијата на класичната столица - лулашка, во столица од извиткано дрво, третирајќи го дрвото, слично како челичните туби, но со поголема топлина која го оддава дрвото. Од 1930 година мебелот кој го дизајнира се произведува од неговата фирма Артек. Благодарение на задоцнетиот продор на модернистичкото движење во оваа земја, Финска не е толку врзана за традицијата на занаетчиските идеали и многу по лесно ја прифаќа модерната технологија и модерните материјали.

Скандинавските земји, Шведска, Данска и Финска се обединети и настапуваат заедно на пазарот како обид да етаблираат слика за едноставен, посебен скандинавски пристап во дизајнот. Овој пристап им обезбедува голем успех, така да во доцните педесетти години на дваесеттиот век, скандинавскиот дизајн станува водечки домашен дизајн, карактеристичен по елегантниот и функционален домашен производ, кој можат да си го дозволат повеќе консументи/потрошувачи. Нивната традиција на светла, отворена и подредена естетика со употреба на природни бои и дрво, создава посебна верзија на модернизам кој се фокусира на чистата линија и комфорот. Оваа слободна форма на стилот, адаптирана на функционалната традиција од триесеттите години е направена во комбинација со поедноставените, повеќе минималистички принципи на формата, со скулптуралните можности на новите материјали кои овозможуваат обликување на извиени органски форми. Овој едноставен отворен дизајн се стреми кон транспарентност и минимизација на импактот на мебелот во просторијата кога не се употребува, односно скандинавските дизајнери сакаат да ги опремат домовите со мебел кој е удобен и не го загрозува

физичкиот простор на собата. Ова е многу важен услов особено за долгите зими во северните земји кога народот најмногу време поминува во затворен простор.

Дизајнерите како што се Арне Јакобсен (Arne Jacobsen), покажуваат дека едноставноста и геометријата можат да бидат истовремено топли и привлечни.[11] Тоа е потопол и попривлечен пристап од строгиот метал на Интернационалниот стил, дополнет со новите пост-воени елементи на светли боени површини и органски форми. Тие веруваат дека модерниот дизајн може да претставува стил без класни обележја кој ќе биде достапен за сите консументи. Повоениот мебел треба да биде флексибилен и да зазема помалку простор во зависност од промената на социјалните потреби.



Слика 3. Арне Јакобсен, Столица „Јајце“

Од овде и новиот дизајн води посебна сметка за порастот на популацијата и малите димензии на просторот за домување - тогаш се дизајнирани креветите – отомани или каучи како и мобилниот мебел со кој може да се подели една просторија. Со прифаќањето на новите методи на индустриско производство и новите материјали во поствоениот период, овде се појавува интересно поврзување меѓу традицијата и прогресот. Мебелот повторно станува модерен, удобен и близок- главната причина за интернационален успех на скандинавскиот мебел- обединувајќи го интернационалниот стил со занаетчиската вештина, во услови на индустриско производство.

[11] Stanley Abercrombie, Sherrill Whiton. *Interior Design and Decorati*on,Pearson Prentice Hall. 2002, стр.559-560; Charlotte &Peter Fiell. *Chairs*. стр.80 - 83;172; David Raizman. History of Modern Design. стр.261



Слика 4. Чарлс Имс, Модели на столици

Слично како Чарлс Имс, и Арне Јакобсен поставува големи топки од шперплоча на челична конструкција, така да неговиот познат „Ант“ стол е првиот масовно произведен дански стол кој е светски познат[12].

[12]Многу познатиот „Ант“ стол на Јакобсен (бр.3100) пласиран во 1952 година, го добива ова име по карактеристичната извиена форма и тенките три ногарки, опишан уште и како „Стабилен Калдер на ногарки“ со асоцијација на делата на познатиот скулптор. Во 1955 година „бр.3107“ доживува повеќе варијанти во изгледот со помалку нагласени внатрешни линии и со четири ногарки



Слика 5. Арне Јакобсен, Столица „Ант“, 1951/52

Заклучок

Успешноста на скандинавските дизајнери секако се должи и на многу други фактори, освен на нивниот креативен гениј, артикулиран во успешноста на поврзување на старите занаетчиски вештини и модерниот дизајнерски сензибилитет. Скандинавскиот полуостров како посебен географски дел од Северна Европа се карактеризира со регионален и културен ентитет кој е различен од останатите држави во Европа. Сите скандинавски земји главно делат заедничка културна историја и јазични корени [13], но истовремено секоја од нив поседува уникатен карактер кој произлегува од различните географски и општествени услови. Анализата на скандинавскиот дизајн упатува на фактот дека токму скандинавските дизајнери се препознатливи по изградениот демократски пристап кон дизајнот во кој е преточен социјалниот идеал и желбата за квалитетен живот, во кој значајна улога играат квалитетните дизајн - производи и високата технологија. Првите појави на овој нивни пристап се забележуваат веќе во дваесетите години на минатиот век. Корените на овој посебен демократски пристап ги наоѓаме во Лутеранизмот, која е званична државна религија во Скандинавија.[14] Лутеранското религиозно верување дека со чесна работа

[13] Во овој контекст исклучок е само Финска.
[14] Fiell, Charlotte, Scandinavian Design, цитирано дело стр.9-20;

може да се стекне спасение, како морално верување ќе се трансформира во идеологија и општествен императив кој е во основата на скандинавскиот дизајн.

Кога говориме за скандинавските држави потребно е да посочиме неколку аспекти поврзани одредени сличности но и разлики на општествено ниво. Во овој контекст посебно мислиме на постоењето на сличности во правниот систем, но и на силно артикулираниот национален идентитет и цврстите врски со традицијата. Во однос на присутните разлики како посебности во секоја држава поединечно, нив најлесно можеме да ги забележиме во посебниот однос кон применетите уметности и процутот на дизајнот во различни периоди од нивната историја. Од друга страна многу значаен фактор за скандинавскиот дизајн е традиционалниот аспект поврзан, со изграденият однос кон домот, во појмовна и економска смисла, домот како централно место, кое ја одредува смислата на севкупното живеење. Домот, разбран како економска неопходност со заокружен /затворен економски систем во селските заедници. Овој „идеал“ на златната ера на посебна „доместикална култура“ е потврден со долгата историја на применетата уметност.

Сите овие фактори допринесуваат во формирањето на посебната филозофија на скандинавските дизајнери за создавање на привлечни и практични предмети изработени со занаетчиска перфекција. Од овде, за скандинавските народи дизајнот не е симбол на престиж, туку интегрален дел од секојдневното живеење и средство/начин за социјални промени.

Поволен фактор секако е и доцната индустријализација на скандинавското општество, овозможувајќи погодна клима за успешно поврзување на старите занаетчиски вештини со модерната дизајнерска пракса како принцип на скандинавскиот дизајн, на кој денес се гледа како на најдобар пример за пристап во создавањето на индустрискиот производ. Во дваесетиот век, скандинавските занаетчиски вештини и дизајнерски сензибилитет имаат диминантно влијание во развојот на модерниот дизајн и претставуваат синоним за „добар дизајн“.

72.011

Доц. д-р **Мирче КОКАЛЕВСКИ** [1]

КАРАКТЕРИСТИКИ НА РЕЛАЦИИ НА ЕЛЕМЕНТИ ПРИ ПРОЕКТИРАЊЕ НА ВНАТРЕШЕН ПРОСТОР НА ПРИМЕРИ ОД ГЕОМЕТРИЗАМ ДО ДЕНИВЕЛАЦИЈА

Апстракт

Основна тематика во овој труд претставува третманот на релациите на елементите како сегменти на потсистемите, а во рамките на системот на уредување на ентериер. Од големиот дијапазин на релации на елементите, во трудот се елаборираат неколку карактеристики на релациите на елементите при организација на ентериерот, со примена на геометризам до денивелација. Најмногу се практицираат релациите на елементите со примена на геометризам во просторот. Следна карактеристика на релациите на елементите е природност, со поголемо присуство на природата и нејзините принципи при организација на ентериерот. Примената на ориентацијата во просторот е битна во зависност од намената која се одвива во внатрешниот простор. Во истражувањето се третираат карактеристиките на илуминацијата во внатрешниот простор. Се нагласуваат особеностите на релациите на елементите при примена на транспарентност во внатрешниот простор. Со соодветно практицирање на денивелација се оформуваат функционални и естетски особености на ентериерот, а со тоа и различни квалитети на просторот. Со примена на комбинации на различни релации на елементите можат да се креираат различни солуции и квалитети на организирање на внатрешен простор, во кој се одвиваат виталните активности на човекот.

***Клучни зборови**: Релации, елементи, гоеметризам, природност, илуминација, ориентација, транспарентност, денивелација .*

Вовед

Истражувањето претставува придонес кон проблематиката на релациите на елементите кои треба да се потенцираат при изработка на дизајн проекти за различни намени, со акцент на проектите за ентериер. Тоа е сег-

[1] 1. Д-р Кокалевски Мирче е доцент на Факултетот за арт и дизајн при Првиот приватен Европски универзитет-Република Македонија, на група предмети по ентериер и архитектура.

мент од системот на проектирање на ентериери, со потсистеми на ентериери за одредена намена (станбена, административна, трговска, угостителска и други) или со повеќе намени.

Во основа, системите содржат потсистеми кои се состојат од елемен- ти кои се највиталниот дел на системот и кои ја определуваат основата на функционирање на системот во целина. При исти елементи (број, големина, карактеристики), а со различна нивна поставеност - поврзување, се добиваат различни ефекти на функционирање на системот во целина. Релациите на елементите го утврдуваат карактерот на системот. Се нагласува големиот квантум на дефиниции за системите (постојат повеќе од 300 дефиниции за поимот систем, според Т. Кралев [2]), во зависност од научните погледи на авторите, но во основа на дефинициите се елементите и поврзаноста во единствена целина, поврзана за одредена активност. Системот подразбира финкционирање, ред, воедначени постапки, поврзаност. Во спротивно, има неред, невоедначени постапки, неповрзаност, што предизвикува несигур- ност, субјективност, случајност, импровизација. Човекот претставува пример за комплексно функционирање на системот.

Целината е суштина на системот. Системот е составен од повеќе делови, групации и елементи, што во потполност соодветствува со внатрешниот простор. Се работи за адекватна поврзаност на елементите, која најмногу одговара на фукционирањето на целината на внатрешниот простор. Тоа е појдовниот креативен мотив кој секогаш егзистира при уредувањето на внатрешниот простор и од поставеноста и поврзаноста на елементите зависи и функционирањето на внатрешниот простор во целина. Поврзаноста е посебен квалитет на системите, а тоа е особина и на внатрешниот простор.

Проектирањето е креативен процес фундиран на истражувачки дух, искуство и професионален пристап на авторот, за создавање квалитетен концепт за уредување на внатрешен простор, со примена на множество параметри кои го конципираат комплексниот карактер на просторот, а тоа е заправо целината на системскиот пристап кон проектирањето на просторот.


АНАЛИЗА НА ПРОБЛЕМАТИКАТА

Структурата на системот[2] е поврзана со меѓусебниот распоред на елементите, нивната поврзаност и односи на елементите со целината на системот. Структурата на системот се применува и кај проектирањето на ентериер, со согледување на поврзаноста на елементите и нивните меѓусебни релации во просторот, како на ниво на мебел (маса или стол, кој се третира како микро простор), преку волумен на просторија, до ниво на целина на

[2] Тодор Кралев: Теорија на системи на информациите и на информативните системи, стр. 36 и 68


објект (макро простор од аспект на проектирање на ентериер). Кај структурата на ентериерот од особена важност се релации помеѓу одделни елементи, мебел, простории или друг внатрешен простор.

Приказ на структура на системот.




Од широкиот дијапазон на процесот на проектирање, во ова истражување се третира аспектот на уредување на внатрешниот простор, во рамките на волуменот на објектот утврден со конструкцијата и со конструктивните елементи, како архитектонски простор. Конструкцијата го оформува волуменот на објектот, а предмет на согледување е волуменот согледан одвнатре, односно внатрешниот простор ограничен со ѕидови, подови, прозорци, врати и плафони. Во рамките на внатрешниот волумен се врши проектирање на уредувањето на внатрешните простори.

При презентирање на решението, во рамките на проектот се назначуваат најбитните аспекти на солуцијата со сите нејзини квалитети кои треба да се нагласат во проектот. Во проектите се нагласува спојувањето на елементите, во зависниост од предметот на проектирање. Елементите (без разлика на карактерот на елементите) базично можат да бидат со правоаголна, квадратна, траголна и кружна форма, кога се работи за дводимензионални форми, односно призма, пирамида и топка , ако се однесува за волумени, како најмногу применувани геометриски тела.



Во основа, при поврзување на квадратни и правоаголни површини се постигнува максимално поврзување, по хоризонтала и вертикала, со што се компонира контунутет на површините или волумените, според потребите на внатрешниот простор.Проблематични се кружните форми кои се поврзуваат во една точка (ако се работи за топка)

или во права (ако се работи за цилиндер). Кај триаголни елементи поврзувањето е со една точка (ако се поврзуваат триаголни површини) или со права (ако се поврзуваат волумени -триаголни призми) и се јавува примена на полни и празни површини или волумени во просторот.




Квадратната форма најефиксно се применува како елемент во просторот и во било кој дизајн. Елементите можат да се допираат (по хоризонтала и вертикала), да се спојуваат во точка (ако се направи комбинација на полни и празни полиња по принцип на шах), да навлегуваат еден во друг (помал во поголем или обратно) со нагласување на некој од елементите како позначаен од аспект на функцијата , да се постават на растојание (заради поврзување на елементите со офрмување на комуникација-ходник меѓу квадратни простории и сл). Покрај неведените можности елементите можат да се поврзуваат и со примена на комбиниран начин, со различни релации на квадратните елементи. Елементите можат да бидат прозорци или рамки на ѕид, столови и слично, во зависност од потребата за организирање на внатрешен простор, создавајќи различни релации помеѓу елементите.


Примена на квадратни елементи (прозорци) на ѕид.







При проектирање на ентериер се применуваат и елементи со правоаголен облик, како површини или волумени (призми). Со примена на правоаголни облици може да се организираат различни композиции на внатрешен простор, со широк диојапазон групации, од отворени до затворени целини. во зависност од организирањето на внатрешниот простор). Правоаголните елементи на композицијата можат да бидат мебел, архитектонски елементи (прозорец, врата, под, ѕид, плафон) до ниво на простории и групации на простории (тракт, ниво-кат).



При оформување проект за внатрешен простор, се применуваат и триаголни, повеќеаголни (особено шестоаголни), полукружни и кружни облици, со примена на различни начини на поврзување на елементите, согласно концептот при решавањето во конкретен внатрешен простор. Применетите елементи можат да бидат мебел, архитектонски елементи или простории. Релациите на елементите ги утврдуваат и карактеристиките на просторот и некои од нив се предмет на ова истражување.


Геометризам

При поврзување на елементите се добиваат различни облици и волумени на групации на елементи, но сепак, заради едноставниот облик најмногу се применуваат квадратни и правоаголни површини и волумени, со што во просторот се оформува соодветна геометризација. Се задржува основната геометриска форма, а одредени помали облици-детали се организираат со иста или слична геметриска форма, со што на ниво на целината на просторот, елементите се во одредена гометриска пропорција и создаваат ансамбл од геометриски елементи. Примена на геометризам [3] се третира при поврзување на различни по големина елементи со правоаголни, квадратни, пирамидални, шестоаголни и цилиндрични геометриски тела.

[3] Називот е резултат на примена на геометриски површини и тела-волумени при организација на ентериер, од ниво на внатрешен волумен до ниво на мебел.

Според потребите и композиционите содржини на елементите на ентериерот, при анализата на нивото на геометризам во просторот се поаѓа од согледување на обликот на конкретниот волумен, обликот на архитектонските елементи (sид,под,плафон, прозорец, врата и сл) и обликот на предвидениот мебел во просторијата (маса, стол, кревет, ормар и сл.) [4]

Приказ на релации на елементи со сегменти кои го утврдуваат геометризмот.





Според релациите на геометриските површини и тела во просторот се третираат два видови геометризам. Ортогонален геометризам е кога се применуваат исти или слични површини или тела со прави агли (квадрат и правоаголник). Делумно ортогонален геометризам е кога два сегменти се со ист геометризам–правоаголен, а еден сегмент (мебел) е со друг вид елементи (со остер агол или со полукружен облик).

Од аспект на примена на пропорции во просторот, најдобро е ако се примени еднаков тип на елементи во трите сегменти (пример за ортогонален геометризам е примена на квадрат со различна големина усогласена со соодветни пропорциските релации). Примена на слични облици во просторот од ниво на целина до детал е посоодветно од аспект на хармонични релации на елементите. Ако се компонира простор со примена на различни елементи тогаш се применува акцент (дел на sид или мебел). На пример во правоаголен простор да се примени цилиндричен мебел или на правоаголен sид да се примени тапет со кружни елементи или кружни полици и сл.


[4] Основен мебел во станот е маса, стол, кревет и ормар. Пешиќ: Човеков простор, стр. 15

Приказ на ѕид со цилиндрични полици и со тапет со кружни мотиви.






Примери на различни елементи во геометризам.



Примери на елементи во ортогонален гометризам.





Природност [5]




Релациите меѓу елементите се темелат на карактеристиките на природата, со почитување на линиите од природата, поврзани со закривеноста на планините, реките, патеките, дрвата и други природни облици (наместо присуството на прави агли). Со примена на линии од природата се оформуваат


[5] Релации на елементи мотивиран од линиите на природата каде сите линии и силуети се со закривена линија. Дел од природата трансформиран во ентериерот.

групации на елементи каде доминираат заоблени линии кои одговараат на линиите на природата и на намените поврзани со природата.


При анализа на нивото на природност во просторот се поаѓа од согледување на обликот на конкретниот волумен, обликот на архитектонските елементи (sид, под, плафон, прозорец, врата и сл) и обликот на мебелот во просторијата (маса, стол, кревет, ормар и сл.).Од анализа на трите сегменти (просторија, архитектонски елементи и мебел) и присуството на природните линии во просторот се согледуваат два видови природност: потполна природност (кога трите сегменти се исти или слични површини или тела со заоблени линии) или делумна природност (кога два сегменти се со природни линии, а еден дел-мебел е со друг вид елементи со остер или прав агол). Од аспект на примена на пропорции во просторот најдобро е ако се примени еднаков тип на елементи во трите сегменти (пример природност со примена на еднаков профил на линија–силуета поставени на различно растојание усогласено со пропорциските релации на линиите. Примената на слични облици во просторот од ниво на целина до детал е посоодветно од аспект на хармонични релации на елементите. Ако се компонира простор со примена на различни елементи тогаш се применува контраст (на пример во полукружен простор да се примени ортогонален мебел или на полукружен sид да се примени тапет со квадратни или правоаголни полици и сл.)

Пример на просторија со заоблен волумен, поглед на sид со правоаголни полици и sид со тапет со праваголни мотиви.





Примери на заоблени елементи-природност







Ориентација


Во зависност од начинот на поврзување на елементите во внатрешниот простор, се јавува различно ниво на ориентација во внатрешниот простор, особено со оглед на различното преградување на просториите. Според распоредот на елементите и нивните релации во внатрешните простори, може да има поволна или недоволно поволна ориентација[6]. Доколку поставеноста на елементите овозможува поволна прегледност во просторот, се јавува поволна ориентација. Ако има накои елементи кои се поставени како бариера, во тој случај нема соодветна ориентација во просторот. Одредено подобрување се постигнува со поставување на информативни табли (особено за производи во простори за трговија), во јавни објекти, урбани простори и

[6] Називот на овие релации на елементите е мотивиран од човековата потреба за поволна ориентација во просторот, со што се добива соодветна прегледност на поставеноста на намени во просторот, поврзана со сигурноста како квалитет на живеењето.

сл. Поволна ориентација е потребна заради соодветно движење на посетителите односно корисниците на просторот со правовремено информирање за активностите и содржините во просторот. При анализа на нивото на ориентација во просторот се поаѓа од согледување на обликот на конкретниот волумен, обликот на архитектонските елементи (ѕид, под, плафон, прозорец, врата и други) и обликот на предвидениот мебел во просторијата (маса, стол, кревет, ормар и сл.).

Од анализа на трите сегменти се согледуваат два видови ориентација и тоа поволна (кога трите делови се така организирани да овозможуваат потполна ориенација во простророт) или недоволна ориентација (кога влегувањето во просторијата не обезбедува поволно согледување на целиот волумен, или кога во просторот има поставено прегради кои се еден вид бариери кои не овозможуваат соодветно согледување на целината на просторот). Од аспект на ориентација, ефикасни се простори со оптимален мебел, кој дозволува солидна прегледност на внатрешниот простор.

Примери на ориентација во внатрешни простори.






Илуминација [7]

Осветлувањето е човекова потреба за одвивање на одредени функции во просторот. Со осветлување се потенцираат волумените и површините во ентериерот. Со поставување на прозорци се овозможува дневно осветлување на внатрешните простори, а со светлечки тела се добива илуминација со различен интензитет на светло и со различни нијанси на бои во просторот.


При согледување на нивото на илуминација во внатрешниот простор се поаѓа од обликот на конкретниот волумен, обликот и поставеноста на прозорците и обликот и диспозицијата на светлечките тела во просторот. Со анализа на трите сегменти и присуството на природно и вештачко осветлување, се утврдуваат три нивои на илуминација: поволна илуминација (кога поставеноста на прозорците и на светлечките тела е поволна) ; делумно поволна илуминација (кога има поволно природно осветлување, а неповолно вештачко осветлување) и неповолна илуминација (кога нема доволно природно осветлување и има неповолни вештачко осветлување).


Приказ на различни нивои на илуминација



[7] Кога се анализира степенот на осветлување на просторот и кога елементите се согледуваат во корелација на нивниот придонес за поефикасно осветлување за реализација на одредени активности во внатрешниот простор се третира аспектот на илуминација. Природна и вештачка. Соодноси. Дневно и ноќно осветлување. Мотивот е од човековата потреба за поволно осветлување во текот на целиот период на користење на просторот, со што се добива сигурност за движење и работа во просторот , поврзана со квалитетот на живеењето.

Примери на различни илуминации со светлечки тела.







Транспарентност [8]


Со начинот на спојување на елементите може да се придонесе да има затвореност на внатрешниот простор или отвореност-транспарентност, во зависност од третманот на sидните површини и од диспозиција на мебелот, со што може да се нагласи транспарентноста или затвореноста на

[8] 8. При релации на елементи кои се оформуваат со конструкција која нема тешки конструктивни елементи односно кога се работи за лесни метални конструкции и стаклени делови, со максимална прозрачност на структурата, се оформува внатрешен простор со транспарентност, прозрачност. Во таква ситуација конструтивните делови се така организирани да се има осет дека нема материја односно такви простори се дематеријализирани. Транспарентноста е поврзана со одредени содржини кои можат да бидат организирани со такви особености. Во спро- тивно, се организираат затворени интимни простори кои се поврзани со содржините (станот или санитарните простори по својата содржина во суштина се интимни и нема потреба од примена на транспарентност).

просторот. Со различни поврзувања на елементи од пластика, стакло, алуминиум и сл., се добиваат лесни конструкции со провидни елементи (ѕидови) со што се добива впечаток дека нема конструкција, односно со така лесни транспатентни елементи се врши одредена дематеријализција на просторот, што е поврзано со новите материјали. Ако на тоа се додадат елементи за илуминација, се добиваат лесни илуминациони кутии со различни колоритни амбиенти. Со примена на компјутерска регулација се добива високо технолошка целина и современ драгстор. Дематеријализиран и компјутеризиран простор на иднината. Со примена на пнеуматика и ротирање на елементите се добива и мобилен простор.

При анализа на нивото на транспарентност во внатрешниот простор се поаѓа од согледување на конструктивните елементи, обликот и голе- мината на прозорците во просторот и обликот и диспозицијата на преградните ѕидови во просторот. Од анализа на трите сегменти односно видот на конструкцијата, третманот на отворите и лесните материјали, се утврдуваат три нивои на транспарентност: поволна транспареност (кога има лесна конструкција, многу отвори и лесни материјали); делумно поволна транпарентност (кога има поволна конструкција, но неповолни отвори и лесни материјали) и неповолна транспарентност (кога има масивна конструкција, нема доволно отвори и има примена на масивни материјали).

Приказ на нивои на транспарентност.




Денивелација

При поврзување на елементи-рамнини во внатрешен простор по вертикала се јавуваат различни нивои и се оформува денивелација.[99] За нормално комуницирање од едно до друго ниво потребни се елементи за совладување на денивелацијата како скали, рампи, ескалатори или лифтови. Денивелација се јавува кога има подигнување или спуштање на подот на просторијата или кога се јавува галерија (во продажен простор). Со поставување на денивелација се оформува и бариера, заради отежнатото комуницирање (особено за лица со специјални потреби). Од друга страна, денивелацијата создава амбиент на динамика и различни визури и затоа примената е погодна за дневен престој, простори за трговија, угостителство и слично.


При анализа на нивото на денивелација во внатрешниот простор се поаѓа од согледување на диспозиција на елементите за вертикална комуникација и одвивањето на континуитетот на линијата за движење низ сите денивелирани нивои. Од анализата на двата сегменти односно од поставеноста на скалите и другите елементи за комуникација (вертикални коминикации) и линијата на движење во внатрешниот простор, се утврдуваат две нивои на денивелација: поволна денивелација (кога има поволни скали и оптимална линија на движење) и неповолна денвелација (кога има неповолна поставеност на скали и неповолна линија на движење).


Приказ на поволна и неповолна денивелација



[9] Кога се работи за релации на елементи поврзани со менување на нивото на внатрешниот простор односно наместо рамен под во просторот има скали и рампи и има различно ниво по вертикала се оформува денивелација на просторот. Промената на нивото овозможува различна визура односно качување и слегување, според потребата што е мотивирана од косиот терен и од потреба да се организира внатрешен простор на таков кос терен. Логично е кога теренот е во пад тогаш и внатрешниот простор да го следи теренот и затоа се прават денивелирани простори, со повеќе нивои. Организирањето на нивоите кај традиционалната македонска куќа говорат за искуствата на традицијата за можностите за примена на денивелација во внатрешниот простор.


Примери на денивелација во внатрешен простор.













Резултати од истражувањето

Главен акцент на истражувањето во презентираниот труд е третирање на релациите на елементи во внатрешен простор, како сегмент на проектирањето на ентериер како систем, во кој се одвиваат виталните активности на човекот. Од начиниот на поврзување на елементите во целината, зависат и карактеристиките на внатрешниот простор и некои од нив се предмет на ова

истражување. Во зависност од предметот на проектирање и содржината на внатрешниот простор, можни се различни комбинации на елементите кои сочинуваат различни композици, без разлика дали се работи за мебел, архитектонски елементи или простории, односно дали се третират површински или волуменски композиции. Во ова истражување се анализираат карактеристиките на внатрешниот простор во однос на геометризам, природност, ориентација, илуминација, транспарентност и денивелација.

CHARACTERISTICS OF RELATIONS BETWEEN ELEMENTS IN INTERIOR DESIGN IN CASES RANGING FROM GEOMETRY TO DENIVELATION

Conclusion

The focus of this paper is on the treatment of relations between elements seen as segments of different subsystems within the system of interior design. Out of the wide spectrum of relations between elements, this paper deals with characteristics of relations between elements in interior organizing, emphasizing the treatment of geometry to denivelation. The primary emphasis is placed on relations of elements from the viewpoint of geometry, naturalism, illumination, orientation, transparency and denivelation of interior spaces with the purpose of improving the quality of interior design.

Key woards: Relations, elements, geometry, naturalism, illumination, orientation, transparency, denivelation.

Литература

1. Кокалевски Мирче: *"Елементи и основи на проектирање 1 и 2"*, Авторизирани предавања, Европски универзитет-РМ, Скопје, 2007
2. Кралев Тодор: *"Теорија на системите на информациите и на информативните системи",* НИО Студентски збор, Скопје, 1984
3. Попов Иван : *"Воведение в архитектурното проектиране, Основи на архитектурната композиција"*, ДИ Техника, Софиа, 1973
4. Пешиќ Мирослав*: "Човеков простор",* Нолит, Београд, 1964
5. Jodidio Philip: *"Contemporary European Architects",* Vol 1- 6, Taschen
6. Ziivkovic Miroslav: *"Uvod u metodologiju naucnog istrazivanja"*,
7. Arhitektonski fakultet, Beograd 1977

7.05

Доц. д-р **Петар НАМИЧЕВ**

ПРОЦЕСОТ НА ДИЗАЈНИРАЊЕ ПОМЕЃУ ТЕОРИЈАТА И ПРАКСАТА

Апстракт

Кога говориме за сличностите и различностите помеѓу индустрискиот и архитектонскиот дизајн, потребно е да се формира рамка каде ќе се третираат двете полиња на истражувања заедно. Заедничките фактори кои се присутни во секојдневниот живот се однесуваат на дизајнот воопшто, но сепак тие се специфични секој на свој начин. Тоа го докажуваат и истражувањата од двете области, кои доприносуваат за развојот на дизајнот воопшто.

***Клучни зборови**: истражувања на дизајнот, метод па дизајн, дизајн, архитектура*

ПРОЦЕС НА ДИЗАЈНИРАЊЕ

Времето во кое се создава процесот на дизајнот е тешко да се одреди. Елементите на процесното планирање и на дизајнот се појавуваат непосредно пред Втората Светска Војна во Германија и со почетокот на војната во САД. Организирано процесно планирање на производите и технологијата на производство со вклучено дизајнирање се реализира во 1943 година во Сад за производство на оружје. После војната се менува општествениот аспект на планирање на производите на ниво на хумани насоки. САД има доминација на индустријата во однос на Европа и останатиот свет, како водечка сила на постиндустриското производство после 1970 год (со Германија и Јапонија). Неопходно е во процесот да се проектира технолошкиот процес на производството, со што производителот ја одредува својата положба во однос на сродниот конкурентен производител. Дизајнот се прилагодува во корист на хуманите социолошки принципи, и низ развојот на човештвото се развива нов пристап во дизајнирањето, каде техничките производни и експлоатациски особини на некој производ ќе бидат однапред одредени како стандард.

Процесот на дизајнирање и проектирање на индустрискиот дизајнер и архитектот можат со непосредна соработка и истражувања во своите облас-

ти, притоа да влијаат позитивно еден на друг и да остварат соработка која ќе овозможи размена на искуства.

Архитектот се занимава со обработката и примената на стаклото, челикот, керамидата или дрвото, вклопувајќи ги дадените инсталации, притоа организирајќи концепт на објект или урбан комплекс во дадена околина. Индустрискиот дизајнер се занимава со креирање на форми од пластика, текстил, метал, дрво, стакло, формирајќи ефект на форма прилагодена на ергономските принципи на човекот, притоа создавајќи продукција на прилагодени и економични решенија.

Тука постои простор на празно поле во одредени домени и допирни точки.

Архитектите и дизајнерите работат на иста зададена форма на проектна задача, но сепак процесот на дизајнирање е резултат на тимска работа, каде се сублимирани сите мислења и искуства. За одреден проект може да бидат потребни од неколку месеци до неколку години. За време на овој истражувачки и развоен период возможни се сите видови на промени и прилагодувања во тимот, според рамките на законската регулатива на кои дизајнот мора да биде прилагоден,со вкусот на потрошувачите, во изборот на материјали, применетите техники, принципот на работа и сл. Затоа секој проект мора да има своја историја на сите ограничувања кои мора да бидат надмината за да проектот може да биде успешно завршен.

Кога го анализираме дизајн процесот треба домените на дизајнот да ги премостиме преку сите разлики, и да се исклучиме од секојдневниот дизајн за да зборуваме генерално за аспектите на дизајнот. Процесот на дизајнирање се развивал во еден долг временски период од стотина години.

Создадена е поврзаност помеѓу практиката во дизајнирањето, развојот на знаењето и методите на дизајнот, каде за практичарите-изведувачите е потешко да се вклопат во некои теоретски и научни согледувања. Концептот на процесот на дизајнот како модерна методолошко-научна идеа егзистира околу педесетина години, каде и покрај прогресивното мислење и практика сепак претстои голем дел, кој е потребно да се развива и да се примени.

Постои поврзаност помеѓу научниот концепт и процесот на дизајнот во рамките на теоријата и методологијата. Притоа терминот дизајнер можеме да го применуваме кога се работи за архитект или индустриски дизајнер.

ТЕОРИЈА И МЕТОД НА ДИЗАЈНЕРСКИОТ ПРОЦЕС

При детермирањето на дизајн процесот постојат две точки на гледишта-теријата на дизајн и методот на дизајнот, секој со различен домен и независен процес.

Следејќи го развојот на дизајнот, значајни се неколку аспекти: како работат и размислуваат дизајнерите, примена на нови структури во процесот на дизајнот, нови методи на дизајн, техники, процедури, како се рефлектира природата со сето дизајнерско познавање во решавањето на проблемите на дизајнот. За опишување и решавање на овие аспекти неопходно е да се постави теоретска рамка за дизајнот-теорија на дизајнот.

Професионалната теорија на дизајнот започнува уште од Витрувие (I век п.н.е.), а се занимава со опишување и прикажување на начин, како да се реши дизајнерскиот проблем (мотивација, и е почетна точка за дизајнот, опис на стиловите и сл). Сето тоа се базира на сопствено искуство, ориентирано кон урбаната околина, архитектонски објекти, детали и сл.

Процесот на развојот на дизајнерските производи во суштина претставува утврдена стратегија, ако го набљудуваме редоследот на функциите и операциите, кои треба да се спроведат за успешно решавање на проблемот на дизајнот. Сепак и кај развиените индустриски земји не постои општ прифатен развоен систем од аспект на терминологијата, бројот и редоследот на одредени функции, и покрај фактот за суштината на дизајнот, мислењата се слични, со одредени разлики. Притоа сите имаат третман на системски метод со кој треба да се постигне успешен дизајн. Процесот на дизајнирање треба да се сфати како процес на донесување на решенија низ постојано враќање и повторување на одредени дејствија и функции со повратни дејства низ фазите на процесот.

ТЕОРИЈА НА ДИЗАЈНОТ

Теоријата има можне значајно место при пренесување на знаењето од доменот на дизајнот особено во едукативните структури. Притоа допринесува да се разјасни фундаменталното значење на оваа дисциплина, кој е концептот и неговите аспекти. Тоа му помага на дизајнерот да најде решение и да ги преброди сите пречки со активен пристап. Со правилен теоретски пристап дизајнерот ќе има чиста слика кои се неговите цели и разбирање за постигнување на вистинското мислење (разбирање за дизајнот, баланс и сл.).

Теоријата во дизајнот во одредени случаи се користи како инструмент во развојот на нови алатки за дизајнирање-компјутерските алатки при архитектонскиот дизајн. Особено влијание има интернетот каде оваа област има континуирана, дваесет и четири часовна подршка. Притоа директна примена на формата е под влијание на капацитетот на компјутерите, при што влијае на процесот на дизајнирање.

Теоријата на дизајнот се обидува да даде решение на некои цели при дизајнирањето:

- Што е дизајнирање, кои се разликите со другите активности на човекот (спорт, готвење и сл.)
- Што е проблемот на дизајнот, поразличен од другите.
- Што е дизајн процесот, како изгледа, кои се неговите базични принципи.
- Што е дизајнерот и кои способности разлики поседува во однос на другите.
- Што е солуцијата на дизајнот, структурата на дизајнери, нивната работа колку се разликува од другите дејности (уметност, индустрија и сл.)
- Кои се различните пристапи кон теоријата на дизајнот (историја, математика)
- Колку теоријата влијае на дизајнерите.

УЛОГАТА НА МЕТОДОТ НА ДИЗАЈНОТ

Методот на дизајн се грижи за актуелните посакувани барања на одлуките од областа на дизајнот кои се превземени од просецот на дизајнирање.

Методот на дизајнирањето потребно е:

- Јасно да ја дефинира целта на процесот на дизајнот
- Ги дефинира чекорите кои треба да се превземат и по кој редослед
- Се применува на повеќе од еден случај
- Секој може да го применува
- Постои критериум да детерминира чекор кој може да биде вклучен

Методот на дизајнирање се применува кога е потребно многу време за пронаоѓање на солуција, или кога дизајнерите немаат доволно стекнато искуство или кога се вклучени голем број на тимови во еден проект. Поврзаноста помеѓу методот на дизајн и практиката, се движи во рамките на она што е методологија во едукативните процеси на универзитетите. Во праксата често се отстапува од процесот. Дизајнерот почитувајќи ги методите се чувствува ограничен во слободата на креирањето и размислувањето (особено во доменот на архитектонското проектирање). Повеќето методи се предвидени за користење на индивидуалните дизајнери, отколку за тимска работа.

За да се достигне одредено ниво и да се опише процесот на дизајн потребна е теретска рамка за дизајнот. Теоретски гледано, торијата на дизајн може да не води до методот на дизајн, но не е обврзувачко. Во друга насока методот на дизајнот може да биде дел од теоријата на дизајнот. Методот на дизајнот секогаш имплементира принципи од теоријата за да ги идентификува значајните чекори и заклучоци во процесот на дизајн.

ПРИРОДАТА НА ПРОБЛЕМИТЕ НА ДИЗАЈНОТ

Во истражувањата за теоријата на дизајнот (Rittel &Webber,1973) дефинирани се карактеристиките на слабостите -проблемите во дизајнот:

- Нема конкретна формулација на проблемите
- Проблемите не можат да се категоризираат во лоши-добри
- Не постои конкретен тест за солуциите на проблемите
- Секое решение на проблемот се решава со една операција
- Не можат да се нумерираат проблемите по бројност
- Секој проблем е уникатен
- Секој проблем треба да се третира како симптом за друг проблем
- Природата на проблемот може да се решава на нумерички начин

Проблемите во дизајнот може да се решат со лимитирана примена на рационализација. Притоа треба да се мисли на нивото на креативноста која се применува, за да не се загрози.

Решението треба да се постави и решава помеѓу -проблемот и солуцијата. Проблемите се како збир од барања, желби, демантирања, додека солуциите се комбинација на нарачаните елементи од урбаната околина, згради и сл.

СТРУКТУРА НА ПРОЦЕСОТ НА ДИЗАЈН

Според дадената карактеристика на проблемот на дизајнот, креирањето на солуција не е работа на еден чекор или со примена на една техника за негово решение. Разбирањето на редизајнерскиот процес е исто така важно како креирање на солуција-варијанта на решение, во почетната фаза на проектирањето. Суштината на проблемот во процесот на дизајнирањето не се бара само како информација од дизајнерот, туку таа се бара и во местото, од клиентите и слично, но секако тоа влијае за прогрес во процесот на дизајнирањето.

Според тоа теоријата на дизајнот (Roozenburg &Eekels, 1995) дефинира систем на -Базичен дизајн круг- како збир од активности и документи кои се креирани и применувани во дизајнот :

- Функционално мислење што е потребно за проблемот на дизајнот
- Анализа на состојбата на функцијата и сегашната состојба на дизајнот
- Критериуми според кои дизајнот треба да се третира
- Синтеза-креација на солуција на дизајнот за пропратните проблеми
- Презентација на дизајнот (модел, цртеж, скица)
- Симулација на очекуваното однесување на карактеристиките на прелиминарниот дизајн
- Очекувани состојби на реакција на прелиминарниот дизајн
- Евалуација на карактеристиките на прелиминарниот дизајн
- Вредностите на дизајнот подготвени од дизајнерот
- Одлука да се продолжи со дизајнирањето, предлог за синтеза или повторна анализа
- Финализиран дизајн

Сите наведени фази при процесот на работа не можат детално да бидат предвидени, затоа при процесот на негова примена можат да се комбинираат во поинаков ред. Нивната примена не е ограничена, може да се употребат еднаш или повеќе пати.

Може да се применува при процесите на дизајнирање на скициран дизајн, финален дизајн или извршителен-производствен дизајн. Базичната намена е да го разоткрие дизајнот како база за наредната фаза во дизајн процесот.

При работата на дизајнерите востановено е дека меморирањето на аналитичките податоци се одвива со два типа на меморирање. При краткотрајната меморија податоците остануваат во еден краток временски период, додека со долготрајната меморија, податоците остануваат подолго време како актуелни за користење. Врз ова влијае логичното размислување и интересирање од страна на дизајнерот, каде одредена информација како слика останува во меморијата.

Лимитираната меморија со одреден капацитет е уште еден фактор како дел од структурата во процесот на дизајн. Презентацијата преку цртежи

или модели функционира како надворешна меморија, притоа ги активира како модел складираните информации. Оваа презентација има легален статус и комуницира помеѓу деловите во процесот на дизајнот. Поголем дел од активностите на процесот на дизајнот се однесуваат на создавањето на прецизни цртежи и документи.

КРЕАТИВНОСТА НА ПРОЦЕСОТ НА ДИЗАЈНОТ

Креативноста функционира како механизам со кој дизајнерот може да совлада одреден проблем, за кој се потребни одредени информации за да се генерира одредена идеа.

Како дизајн солуции се појавуваат:

- Рутинскиот дизајн, се базира на креација базирана на предходни солуции
- Иновативниот дизајн со барем една компонента која предходно не е разгледувана
- Креативен дизајн со солуции кои се сосема различно по структура од веќе постоечките солуции

Ако применуваме сосема нови структури, повеќето од архитектонскиот дизајн не е креативен. Затоа е тешко да се ограничи, да се направи разлика помеѓу иновативниот и креативниот дизајн.

Единствено на крајот на процесот на дизајнот, проблемот на дизајнот може да биде протолкуван.

Рационалниот начин на решавање на проблемите има долга истражувачка традиција, при што теоретските согледувања се доста базично силни. Архитектите во помала мерка се препознаваат во овој рационален пристап, додека дизајнерите имаат сосема систематичен пристап до дизајнот, користејќи ги фазите именување-одредување рамка-поместување-еволуација. Дизајнерите потребно е да работат во тимови, и да ги согледаат социјалните аспекти на групните активности како управувањето, доминацијата, преговарањето и сл.

Повеќето од дизајнерите го препознаваат авторскиот ракопис на одреден дизајнер, како и неговите клучни идеи. Иновативните процеси се препознатливи, каде доминира индустрискиот дизајн. При архитектонското дизајнирање присутен е натпреварувачкиот дух, каде процесот на дизајнирање е различен од системот на нарачка и инвеститор.

Добивањето на идеален проект врз основа на процесот на дизајнирање претставува повеќе карактеристика, отколку одредена цел.

Научните истражувања од областа на дизајнот ни овозможуваат во одредена рамка да дискутираме за дизајнот од повеќе негови аспекти, како индустрискиот дизајн или архитектурата, инженерството, информатичката технологија, хемијата, техниката и технологијата на обработка на материјалите и сл. Но и во оваа наука слично како и во другите теоријата е секогаш различна и подалеку од праксата, со задача да се овозможи подобро разбирање што е дизајнот, неопходно е да се следи праксата и донесуваат одредени заклучоци.

За да го разбереме процесот на дизајнот, модерната методолошка-научна слика на дизајнот која се развива во последните педесетина години ни дава можност да продолжиме со студирањето на природата на дизајнот, дизајнерите и дизајнерскиот продукт. Уште многу подрачја за истражување се пред нас, повеќе отколку што во моментот знаеме.

Методологијата не може веднаш да се рефлектира и да го реши проблемот на дизајнот веднаш, но овозможува формирање на посебни вештини за дизајнерот. Притоа дизајнерската цел е да се работи систематски, објективно, креативно, неочекувано и со задоволство кон реализацијата на дизајнерската работа.

Суштината на процесот на дизајн е да се направи невидлив продготвителниот процес, кој се однесува на процесот на создавање на нови архитектонски објекти и индустриски продукти и компоненти, видливи и разбирливи од текстуален и визуелен аспект.

Мистериозноста на откривањето е предизвик за студентите, архитектите, индустриските дизајнери, градежните технолози и др. Проблемите никогаш не можат да бидат решени комплетно, затоа што се појавуваат нови предизвици, нови размислувања, понатаму кон иднината. Знаењата и истражувањата се зголемуваат, вештините се усовршуваат, со нови визии на специјалистите- индустриските продукт дизајнери.

Методологијата и процесот на дизајнирање, развојот и истражувањата на градењето и индустрискиот производ, нивните системи и компоненти се усогласуваат од страна на производителите, што резултира со вклучување на индустриските производи во градбите.

Дизајнерите на производи и развојните градежни продукти се загрижени за развивањето на продуктите и компонентите од страна на производителите, додека архитектите и дизајнерите во своите бироа се сконцентрирани на материјализирање на функционалниот концепт на целината и нејзините делови. Компјутерите се медиум како дел од секое дизајнерско биро каде сите негови можности се искористени. Дизајнерската методологија има долга историја во инженерството на индустрискиот дизајн.

DESIGN PROCESS BETWEEN THEORY AND PRACTICE

Summary


*Throughout the design process the designer explores both the solution and the problem. The differences in the design process between architecture and industrial de*signe they constantly visualise their thoughts. *Design methods concern the actual or desired order of the design decisions that are* taken in a design process. A strong theoretical basis can increase efficiency because the designers has a clear view of what the goals *are, and understands the means by which to achieve them. Since rational problem solving has the longer research tradition, it is clear that its theorethical foundations are quite strong.*

***Key words**: design research, architecture, method design., design process*


Литература

1. Akin, O.:*Psychology of Architectural Design*, London, Pion, 1986.
2. Cross ,N.: *Developments in Design Methodology*, Shicester, Wiley, 1984
3. Lowson, B.: *How Designers Think: The Design process Demystified*, London, Butterworth Architecture, 1990
4. Roozenburg, N.& Eekels, J.: *Product Design : Fundamentals and Methods*, Chichester, 1995
5. Vitruvius : *The ten books on Architecture*, New York, Dover, 1960

Табела 1. Процес на развој на дизајнерските производи



Табела 2. Графичка презентација на базичниот дизајнерски круг кој се применува при дизајнирањето.



003
655.26

Доц. м-р **Марија ВЕТЕРОСКА**

АНАТОМИЈА НА МАКЕДОНСКАТА КИРИЛИЦА

Апстракт

Типографијата[1] е уметност и техника на аранжирање на буквите, нивниот дизајн и модификација на глифите[2]. Таа е една од двата главни елементи кои се користат во графичкиот дизајн со цел визуелно да се искомуницира одредена идеја. Во светски рамки, типографијата е наука со долга историја. Во македонски рамки, и покрај повеќедецениското практицирање на графичкиот дизајн, оваа област е неистражена.

Стилот на буквите, нивната форма, зависи од елементите од кои се составени глифите. Типографијата ги разложува буквите на анатомски делови, притоа користејќи сопствена терминологија. На тој начин можат полесно да се анализираат карактеристиките на едно писмо. Тие сосема мали, скоро неприметливи детали кои го одвојуваат едно писмо од друго, создаваат карактер на целиот текст, а со тоа и на дизајнот.

Клучни зборови: *типографија, македонска кирилица, дизајн, анатомија на буква, писмо.*

Вовед

Истражувањето на овој труд се однесува на типографијата која е неизбежен, понекогаш и носечки елемент на графичкиот дизајн. Според Thesaurus: „Графичкиот дизајн е визуелна комуникација на вешта комбинација на текст и слика во реклами, списанија, книги итн“. Оваа дефиниција на графичкиот дизајн само го потврдува влијанието на типографијата. Текстот покрај тоа што директно ја пренесува информацијата преку пишаниот текст, тој исто така визуелно комуницира со конзументот преку своите асоцијативни форми кои можат да го поврзат со одреден простор и со одредено време, или да сугерираат на некоја култура или

[1] en.wikipedia.org/wiki/Typography (13.10.09)

[2] глиф – еден знак, една форма на конкретно писмо. Пр. буквата а и *а* претставуваат различни глифи

субкултура. Формата на текстот може да ја потврди информацијата која е испишана, може да нè стави во дилема, па дури и да исмева.

Иако типографијата изворно била асоцирана само со уметноста и технологијата на подвижниот слог, а со типографија се бавеле само занаетчиите типографи, со денешната дигитална технологија и поедноставувањето на начинот на кој се сложува текстот, сите дизајнери се типографи.

Типографијата како посебна научна гранка на дизајнот е исполнета со своја терминологија, анатомија, карактеристики, принципи, чие што запознавање е основа за создавање на комплетен и издржан дизајн. Типографијата како таква неопходна проблематика е егзактна наука без која дизајнерот тешко би успеал да ја пренесе пораката што ќе го задоволи проектот и би ги дал очекуваните резултати.

Типографијата на македонската кирилица

Но иако западните култури кои ја користат латиницата со векови ја истражуваат оваа област на дизајнот и од технички и од ликовен аспект, кирилицата е област на која сосема малку и е посветено внимание. За кирилицата постојат некои истражувања од страна на српските, бугарските и руските научници. Македонската кирилица е непокриена на ова поле, па поради тоа во системските писма се јавуваат неправилни форми на македонската азбука, особено во курзивот[3] (пример т – *m*) кои се всушност руски глифи.

Секојдневно во македонскиот дизајн сме соочени со лоша типографија. За сето ова да се измени, за да имаме правилна употреба на типовите писма според времето, просторот и стилот кој треба да го „облечат“ за да ја пренесат веродостојно пораката, треба да се запознаеме со најситните детали на буквите. Треба да се обрати внимание на нивните анатомски делови, и преку дијалектичко истражување да се воспостави нивната терминологија. Нивното присуство, отсуство и облик прават голема разлика во начинот на употреба и во начинот на пренесување на пораката.

Линии на типографското писмо

Формите на буквите имаат високо контролирана ликовна поставеност. Тоа се должи на поставените линијски системи. Овие линии ја определуваат позицијата на буквата, бројката или интерпункцискиот знак, во однос на другите.

[3] “Cursive- Flowing. Often used as a synonym for italic” Bringhurst R. стр. 324

Сличностите на кирилицата и латиницата, па дури и грчкото писмо, се гледаат во фактот дека кирилицата влегуваат во ист линијски систем на вертикални мерки.

Имагинарната линија на која стои ред со текст се вика **основна линија** (анг. baseline, рус. базовая линия, срп. основна линија писма). Таа е една од најважните елементи за естетскиот и хармонизиран изглед на писмото. На неа лежат повеќето од буквите, под неа паѓаат краевите на р, ј,ф; но исто така малку преоѓаат преку неа и буквите со заоблена форма како о или s, со цел визуелно да се изедначи фонтот и да се избегне вибрирање на тектот. Основната линија игра голема улога во дизајнот на страниците (анг. page layout).




Сл. 1: Основна линија

Линија на висината на мајускулите (анг. capline, рус. линия прописных знаков, срп. линија висине великих слова) заедно со основната линија се доволни да се создаде дволиниски систем за пишување само со мајускули.



Сл. 2: Линија на висината на мајускулите

Линијата на минускулите (анг. meanline, рус. линия строчных знаков, срп. линија висине малих слова) и **линијата на долните продолжетоци** (анг. beardline, рус. линия нижних выносных элементов, срп. линија доњих продужетака), заедно со првите две го формираат четирилинискиот систем.



Сл. 3: Линија на минускулите и висина на минускулите

Линијата на минускулите ја одредува висината на минускулите. Растојанието помеѓу основната линија и линијата на минускулите претставува една од најбитните каракетристики кои ги има едно писмо, а тоа е **висината на минускулите** (анг. x-height, рус. высота (рост) строчных знаков, срп. висина малих слова). Како што кажува и самото име x-height најточно може да се определи со малата латинична буква x, или пак во

македонската кирилица буквата х. Односот помеѓу висината на мајускулите (растојанието помеѓу основната линија и линијата на мајускулите) и висината на минускулите варира од писмо до писмо. Поради тоа овој параметар е важен фактор кој ја определува читливоста и идентитетот на писмото.

Линијата на долните продолжетоци се наоѓа под основната линија. Малите букви како у и р имаат потег кој паѓа под основната линија и крајната точка на таа црта е местото каде што се наоѓа линијата на долните продолжетоци.

При пишувањето на минускулите, горните продолжетоци можат да бидат до линијата на мајускулите, или во некои стилови да бидат повисоки. Ако висината е поголема тогаш станува збор за петолиниски систем, а најгорната линија се вика **линија на горните завршетоци** (анг. topline, рус. линия верхних выносных элементов, срп. линија горњих продужетака).



Сл. 4: Линија на горни и линија на долни продолжетоци

Петолинискиот и четирилинискиот систем се генерално прифатени за основни. Сепак, латиницата во себе има и останати вертикални мерки кои се битни за системот воопшто. На пример: t-висина, висина на отстапката на заобленине букви, висина на спојувачкиот потег на малото е, висината на спојувачкиот потег на А, висината на зглобот на х, висина на зглобот на Р, В, К итн.[4] Карактеристиките на јазиците на земјите кои се користат со латиничното писмо, се услов за појава на повеќе од 26 букви, дел од таканаречената основна модерна латиница.[5] Овие додатни елементи на глифите допринесуваат да се појават нови споредни линии во системот.

Ова истражување се однесува исклучиво на македонската кирилица ќе го определиме нејзиниот линиски систем. За да го поставиме системот треба да ги определиме карактеристичните букви во кирилицата и конкретно македонската кирилица.



Сл. 5: Кирилични букви кои по својата форма се разликуваат од латиницата

[4] http://ilovetypography.com/2009/01/14/inconspicuous-vertical-metrics/ (15.11.2009)
[5] http://en.wikipedia.org/wiki/English_alphabet (15.11.2009)

Ако ги земеме најкарактеристичните букви на македонската кирилица, ќе ги откриеме и лините кои ги нема во основната модерна латиница.



Сл. 6: Линиски систем на македонската кирилица. Користено писмо: Cambria

1. *Линија на горен крај на дијакритиците на мајускулите*
2. *Линија на долен крај на дијакритиците на мајускулите, линија на горните завршетоци, линија на горен крај на дијакритиците на минускулите и линија на висина на мајускулата Ф*
3. *Линија на висината на мајускулите*
4. *Линија на долниот крај на дијакритиците на минускулите*
5. *Линијата на минускулите*
6. *Основна линија*
7. *Линија на спуштени елементи*
8. *Линија на долните продолжетоци*
9. *Линија на долни продолжетоци на мајускулите*

Според сликата 5 може да се заклучи дека македонската кирилица поставена во фонт Cambria Regular има вкупно 9 линии на типографското писмо. Како што може да се примети линијата на долен крај на дијакритиците на мајускулите, линијата на горните завршетоци и линијата на горен крај на дијакритиците на минускулите, во примерот линија број 2, се преклопуваат. Но сепак различен дизајн и различни параметри на друго писмо, може да доведе сите овие да се позиционирани на различно место или пак една да биде посебно и две да се поклопуваат итн.

Во македонската кирилица се користат уште два глифа кои не претставуваат нова фонема, туку само го определуваат значењето на некои зборови. Тоа се буквите **è** и **ì**. По своите карактеристики тие влегуваат во системот кој е веќе поставен бидејќи нивната позиција одговара на дијакритицитие врз ѓ и ќ.

Анатомија на буквите

Во претходниот дел веќе зачнавме дел од терминологијата која се користи во типографијата за да се означат деловите на глифите.

Анатомијата на буквите може да се раздели на два дела. Формата на графемите[6] се состои од испечатен или испишан дел (форма) и белината

[6] графема – пишан симбол кој се користи за да се претстави звук. Thesaurus

околу или во нив (контраформа). И двата се взаемно зависни и влијаат на изгледот на буквата како и на неговата класификација.

Потезите се позитивот на писмото. Потезите се деловите на буквата кои се создаваат кога перото ќе помине врз хартијата или печатарот ќе остави трага од боја.

Основен потег или **стебло** (анг. stem, рус. основной штрих) е главниот потег кој е повеќе или помалку прав и кој не е дел од закривување.[7]



Сл. 7: Основен потег

Тенок потег или **тенко стебло** (анг. hairline) е вертикален, дијагонален или закривен елемент на буквите кој има значително помала дебелина од основниот потег.[8] Ова се однесува на писмата кои имаат контраст односно задебелени и тенки потези. Ваквиот ритам во писмата е последица на користењето на засечените пера при испишување на манусктиптите пред и по откривањето на печатарството. Оваа форма на писмо може да се сретне и на натписот на Трајановиот столб. Овој натпис ја содржи најелегантната форма на писмо која до ден денес се смета за врв во естетиката на конструкцијата на капителите.



Сл. 8: Тенок потег

Како најистакнати делови кои се разликуваат уште на прв поглед се горните и долните продолжетоци. Заедно се нарекуваат **продолжетоци** (анг. extenders, рус. выносной элемент, срп. продужетци). Тоа се деловите на минускулите кои излегуваат надвор од х-висината.

Делот на карактерот кој се спушта под основната линија, односно делот кој се спушта под х-висината е наречен **долен продолжеток** (анг. descender, рус. нижний выносной элемент, срп. доњи продужетак). Долните продолжетоци можат да се поделат на два типа, а тоа се вертикални или дијагонални долни продолжетоци.

[7] Bringhurst, R.: The elements of typographic style ver. 3.0. Vancouver: Hartley and Marks Publishers, 2004. стр. 331

[8] Королькова, А.: *Живая типографика*. Москва: IndexMarket. 2007. стр. 94-95



Сл. 9: Долни продолжетоци

Овој анатомски дел најчесто се однесува на минускулите, но сепак постојат писма каде опашките на големата J и У (во латиницата и големата Q).

Кирилицата се разликува од латиницата по тоа што има уште еден тип на долните продолжетоци. Покрај оние кои се соодветни на латиничните долни продолжетоци, на пример: j, р, у и ф, постојат долните продолжетоци на буквите д, ц и џ. Овие се наречени **спуштени елементи** (анг. descending elements, рус. свисающие элементы[9])



Сл. 10: Спуштени елементи

Од друга страна пак, стеблото на карактерот кој се извишува над x-висината се вика **горен продолжеток** (анг. ascender, рус. верхний выносной элемент, срп. горњи продужетци). Модерната основна латиница содржи повеќе букви со горни продолжетоци, пр. b, d, f, h, k, l, t. За разлика од латиницата, кирилицата има посмирен ритам во своите форми, бидејќи само две букви имаат горни продолжетоци. Тоа се буквите б и ф. Кога би се споредиле два текста испишани на кирилица и латиница, очигледно е дека кај латиницата се поприсутни горните продолжетоци, а кај кирилицата долните продолжетоци.



Сл. 11: Горни продолжетоци

Продолжетоци имаат и т.н. **стар стил на бројки** (анг. text figures, lowercase, old-style numbers[10], рус. минускульные (строчные) цифры, цифры старого стиля). Овие бројки ја имаат функцијата на минускули, бидејќи се поставени во четирилиниски систем на пишување, со цел подобро да се интегрираат со минускулите и со тоа да се постигне конзистентност на типографската боја

[9] Королькова, А.: *Живая типографика*. Москва: IndexMarket. 2007. стр. 94-95
[10] http://en.wikipedia.org/wiki/Text_figures (20.12.2009)

во блок на текст. Кај овие бројки 0,1 и 2 влегуваат во x-висината и немаат продолжетоци. 3, 4, 5, 7 и 9 содржат долни продолжетоци, а 6 и 8 имаат горни продолжетоци.



Сл. 12: Продолжетоци кај стариот стил бројки

Хоризонталниот потег кој поврзува два основини потези се вика **спојувачки потег**[11] (анг. crossbar, рус. перекладина, соединительный штрих). Како примери за кирилицата се издвојуваат Ц, Ш, Ц, Д и Л. Д и Л се карактеристичен пример. Буквата Д зависно од дизајнот можат да има еден или два спојувачки потези. Буквата Л може да има или нема спојувачки потег. И едната и другата варијанта се прифатени во македонскиот правопис.



Сл. 13: Спојувачки потег



Сл. 14: Писмо во кое буквите Д и Л имаат спојувачки потег на врвот на стеблата (пр. Cambria)



Сл. 15: Писмо во кое буквите Д и Л немаат спојувачки потег на врвот на стеблата (пр. Arno Pro)

Друг вид на хоризонтален потег е **вкрстувачкиот потег** (ang. cross stroke). Тоа е хоризонтална линија која пресекува вертикално стебло[12]. Пример во латиницата се t, f. Во кирилицата овој анатомски елемент го среќаваме единствено кај буквата Ж и тоа само во одредени дизајни.

[11] Королькова, А.: *Живая типографика*. Москва: IndexMarket. 2007. стр. 94-95

[12] Adobe Print Publishing Technical Guides. *Typography Basics: Anatomy of letterforms*, стр. 4



Сл. 16: Вкрстувачки потег кај латиничните минускули T и Ф и буквата Ж (пр. SkolaSans Regular)

Рака (анг. arm) е хоризонтален или дијагонален потег кој само со едниот крај е поврзан за стеблото. Букви од латиницата кои имаат раце се: T, F, E, K, Y, Z. Кај кирилицата, освен заедничките букви со латиницата T, E и K, раце имаат и Г, Ѓ, Ќ, Ж, У и големата буква Б.



Сл. 17: Рака

Нога е паѓачки потег кој се наоѓа во долната половина на буквата. Пр. K, R, во латиницата. Во македонската кирилица покрај буквата К, нозе имаат и Ќ и буквата Ж. Ж е карактеристична по тоа што содржи две нозе.



Сл. 18: Нога

Опашка е делот на буквата кој е паѓачки и често декоративен. Вакви би биле K, R и Q во латиницата, а ќе им го додадеме како примери и Ќ, У, Ј итн од мајускулите на македонската кирилица. Долните продолжетоци на минускулите на ј, у, р, курзивното д се исто така опашки. Во овој случај акцентот би паднал на минускулната курзивна д, која во македонскиот правопис се испишува со опашка (или ласо во одредени стилови пр. скрипт), анатомски дел кој спаѓа во рамките на долните продолжетоци, за разлика од воспоставениот глиф од страна на Microsoft, каде буквата д е со горен продолжеток пр. *д*. Ваквиот глиф во македонската кирилица не постои. Тој е воспоставен во руската кирилица во времето на рускиот цар Петар I Велики, 1708 година, кога е извршена реформа на руската азбука и е воспоставена руското граѓанско писмо (рус. гражданский шрифт). Па така во овие системски писма или други латинични писма со кирилична поддршка имаме несоодветни глифи за нашата азбука, а буквата д е само еден пример за оваа ситуација.



Сл. 19: Опашка кај буквите У, Ј, Р и отсуство на опашка кај минускулата Д во македонската поддршка на Cambria Italic



Сл. 20: Опашка кај буквите У, Ј, Р и минускулата Д во македонската поддршка на SkolaSerifIt Regular

’Рбет е делот на буквата кој е закривен и се наоѓа кај латиничното S, односно кај буквата S во македонската кирилица. Тоа е сосема логично бидејќи глифите на овие две букви со различен звук во различни азбуки, имаат идентична форма.

’Рбетот е поврзан со уште една неправилност во испишувањето на македонската кирилица, при користењето на македонска поддршка и на курзивот. ’Рбетот е применет во оформувањето на глифот за буквата г, односно *г*. И повеќе од очигледна е погрешната форма на глифот, бидејќи ниту една буква во македонскиот правопис ја нема формата на хоризонтално пресликана буква s. Во македонскиот правопис, курзивната буква г е составена од следните анатомски делови: накосено стебло, терминал и макрон односно:



Сл. 21: ‘Рбет кај буквата S и несоодветна форма на минускулата Г во македонската поддршка на Cambria Italic



Сл. 22: ‘Рбет кај буквата S и правилна форма на минускулата Г во Cambria Italic внесени со Character Map

Врв (анг. apex) е местото каде се спојуваат двете стебла на буквата А при што се формира врв. Уште една буква заедничка за кирилицата и латиницата има врв, а тоа е буквата М која има два врва. Карактеристично за македонската кирилица е дека врв се појавува кај буквите Д и Л, поточно кај онаа варијанта на овие букви која има само еден спојувачки потег. Врвот е анатомски дел кој е содржан и во кириличната И.



Сл. 23: Врв кај буквите Д и Л (Arno Pro Regular)

Вертекс (анг. vertex) е местото каде се спојуваат две стебла во долнот дел на буквата, при што се формира триаголник.[13] Овој анатомски дел го има кај буквите M, V, W. Во кирилицата овој анатомски дел се наоѓа и кај буквата И.

Доколку стеблото го окарактеризираме како еден од најистакнатите анатомски делови кој во себе не содржи заоблување, тогаш логично е дека за посебен анатомски дел се сметаат заобленитe потези кои се карактеристични за исто така голем број на глифи.

Овалот[14] (анг. bowl, рус. овал) е заобленият или кружен дел на буквите кој формира шуплина.[15] Овалот се однесува на главниот, основен дел на карактерот, а не на заоблувањата кои се појавуваат поради одреден стилски израз. Букви кои имаат овал се О, Б, Р, З, Љ, Њ, Ф.



Сл. 24: Овал

Во латиницата, се издвојува уште еден тип на овал, кој е карактеристичен само за минускулата g. Тој е наречен loop или **долен овал**.[16] Делот кој ги поврзува горниот овал и долниот овал на буквата g е наречен сврзник (анг. **link)**.

Пламеновиден елемент (рус. Пламевидный элемент)[17] е горниот продолжеток на буквата б која е карактеристична за кирилицата. Нејзината форма е добиена директно од ракописното пишување без адаптација во печатената форма на глифите.



Сл. 25: Пламеновиден елемент кај минускулата б

[13] http://typo.mania.ru/glossary/v.htm (30.11.2009)
[14] Королькова, А.: Живая типографика. Москва: IndexMarket. 2007. стр. 94-95
[15] Adobe Print Publishing Technical Guides. *Typography Basics: Anatomy of letterforms*, стр. 3
[16] http://typo.mania.ru/glossary/l.htm
[17] Королькова, А.: *Живая типографика*. Москва: IndexMarket. 2007. стр. 94-95

Најкарактеристичниот анатомски дел на глифите, елемент кој влијае најмногу на целокупниот дизајн на писмото и кој допринесува најмногу во определувањето на стилот на писмото и неговата категоризација е серифот.



Сл. 26: Сериф

Серифи (анг. serif, рус. засечка, срп. сериф) се завршните потези кои се наоѓаат на краевите на стеблата на буквите.[18] Серифот е неструктурален дел и постои само да го разубави глифот. Нивното постоење може да се следи до времето на Антички Рим и граверите кои ги испишувале текстовите во камен. Тие го завршувале секој потег со сериф со цел да ја потенцираат неговата форма и од техничка гледна точка да се спречи длетото да направи поголема линија од потребната.



Сл. 27: Натпис на Трајановиот столб, 113 год. Употреба на серифно писмо, римски квадратен капител

Постојат најразлични форми на серифите. Тие можат да бидат заоблени серифи (анг. bracket, рус. засечки со скруглением, срп. заобљени серифи), конкавни, клинести, тешки слаб серифи, викторијански декоративни итн.

[18] Craig, J.: *Designing with Type: The Essential Guide to Typography*. New York: Watson-Guptill Publications, 1999. стр. 14



Сл. 28: Заоблен сериф тенок сериф



Сл. 29: Заоблен сериф (пр. Cambria); (пр. Bodoni MT); Слаб сериф (пр. Rockwell)

Писмата кои содржат серифи се наречени серифни писма. Сепак серифот не е неопходен елемент на буквите. Писмата кои не содржат серифи се наречени безсерифни писма или sans serif. Нивната појава се датира уште од XIX век во Англија, но нивната популарност и интензивна употреба го достигнува врвот во XX век. Тоа било условено од актуелизацијата на принципите на Баухаусот и модерната уметност. Најпознат претставник на оваа категорија писма е Хелветика, создадена во Швајцарија 1957 од Max Miedinger и Edouard Hoffman.[19]

Контраформата се создава како последица на постоењето на формата. Тоа е просторот околу буквите. **Шуплина** (анг. counter, рус. внутрибуквенный просвет) е белиот простор затворен во буквите, без разлика дали е целосно затворен како кај буквата О или делумно како кај буквата С.[20]

Заклучок

Со запознавањето на анатомските делови на буквите, дизајнерите се доближуваат поблиску до спознавањето на карактеристиките на писмата и нивната употреба во дизајнот. Така ќе се избегнат грешките во изборот на типографијата и нејзиното поставување. Македонската кирилица, сиромашна во полето на типографските истражувања, се соочува со употребата на руските глифи кои не се соодветни за македонскиот правопис. За да не се изгуби идентитетот на македонското кирилично писмо и за да се олесни комуникацијата помеѓу дизајнерите, запознавањето со деловите на буквите и воведувањето на терминологија придонесува за поквалитетна употреба на типографијата во македонскиот дизајн.

[19] Craig, J.: *Designing with Type: The Essential Guide to Typography.* New York: Watson-Guptill Publications, 1999. стр. 33

[20] Bringhurst, R.: *The elements of typographic style, ver. 3.0.* Vancouver. Hartley and Marks

Summary

By getting familiar with the anatomy of type, the designers are getting closer to understanding the features of the typefaces and their usage in the design. Thus, the errors in choosing the typography and its setting will be avoided. The Macedonian Cyrillic, poor in the field of typographical research, faces the usage of the Russian glyphs which are not appropriate in the Macedonian orthography. In order not to lose the identity of the Macedonian Cyrillic alphabet and to ease the communication between the designers, learning the parts of the letters and the introduction of terminology contributes to more quality usage of the typography in Macedonian design.

***Key words**: typography, Macedonian Cyrillic, design, anatomy of type, typeface.*

Литература

1. Bringhurst, R.: *The elements of typographic style, ver. 3.0.* Vancouver: Hartley and Marks Publishers, 2004.
2. Craig, J.: *Designing with Type: The Essential Guide to Typography.* New York: Watson-Guptill Publications, 1999.
3. Felici, J.: *The Complete Manual of Typography.* Berkeley: Adobe Press, 2002.
4. Королькова, А.: *Живая типографика.* Москва: IndexMarket. 2007
5. http://ilovetypography.com/2009/01/14/inconspicuous-vertical-metrics/
6. http://en.wikipedia.org/wiki/English_alphabet
7. http://www.tipometar.org/pojmovnik/Geometrija/Index.html
8. http://typo.mania.ru/glossary.htm

37.015.31:74]:316.64

Assistant Professor, **Gordana VRENCOSKA,** MA

POLITICAL STATEMENTS IN CONCEPTUAL FASHION: THE VOICE OF NATIONAL SENTIMENTS AS A SELF-REFERENCE IN THE READY-TO-WEAR COLLECTIONS OF ALEXANDER McQUEEN AND HUSSEIN CHALAYAN

Abstract

This paper explores conceptual approaches to designing and presenting ready-to-wear fashion collections. The research focuses on political and cultural identity statements expressed in the work of contemporary fashion designers Alexander McQueen and Hussein Chalayan. They both use much of their personal histories, cultural identities and political concerns as a self-referent standing point for the conceptual frame of their seasonal fashion collections. The analysis shows that although they use their work to convey political and social messages, a risky and courageous artistic approach for fashion business, their collections (and other fashion projects) remain commercially successful.

Keywords: *fashion, conceptual fashion, ready-to-wear collection, political statements, national and cultural identity, national sentiments, artistic self-reference.*

ПОЛИТИЧКИТЕ СТАВОВИ ВО КОНЦЕПТУАЛНАТА МОДА: ГЛАСОТ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ЧУВСТВА КАКО АВТОРЕФЕРЕНТНОСТ ВО МОДНИТЕ КОЛЕКЦИИТЕ НА АЛЕКСАНДАР МЕКВИН И ХУСЕИН ЧАЛАЈАН

Апстракт

Овој труд ги истражува концептуалните пристапи во дизајнирањето и презентирањето на модните колекции на готова облека. Истражувањето се фокусира на ставовите поврзани со политичките и културните идентитети, изразени во делата на современите модни дизајнери Александар Меквин и Хусеин Чалајан. И двајцата ги употребуваат своите лични истории, културни идентитети и политички размислувања како авторефернтна појдовна точка за концептуалната рамка на своите

сезонски модни колекции. Анализата покажува дека, и покрај тоа што ја користат сопствената работа за пренесување на политички и социјални пораки, ризичен и храбар уметнички пристап во модниот бизнис, нивните колекции (и останатите проекти) остануваат комерцијално успешни.

Клучни зборови: *мода, концептуална мода, колекција на готова облека, политички ставови, национални и културни идентитети, национални чувства, уметничка автореферентност.*

Introduction:

The politics of identity are closely associated with the clothing we choose to wear[1]. Clothes are our important personal system of visual communication, through which we express our sexual orientation, social affiliation, profession, lifestyle, ethnic identity and other personal attributes. But when we speak of fashion, we need to make a clear distinction between "ceremonial, occupational and ethnographic" dress and the clothes chosen for our "desire for stylistic novelty"[2]. The hunger for "new" fashion products has established the fashion system around the seasonal schedule of Spring/Summer and Autumn/Winter Ready-to-Wear[3] collections. Such strictly defined fashion cycle puts apparent pressure on designers to deliver their creative products in timely fashion, considering the nature of the whole process that includes research, designing, prototyping, orders, manufacturing, marketing and so on. The high pressure caused by this tight schedule and the unavoidable industry-for-profit dependency puts on table the cultural significance of produced fashion designs/products. Anti-fashion emerges as a response to temporary character of fashion, articulating the artistic needs of fashion designers for leaving behind a deeper and long-lasting cultural impact. On the other side, many artists of the 20th century used their artistic freedom to explore clothes as an important form of artistic expression. "Artwear", "unwearables", "conceptual clothing" are the forms in which artists searched for a form to manifest their personal, social and political anxieties.

Throughout history the relationship between art and fashion has become deep and complex, with many ways of connection. As Germano Celant, Luigi Settembrini & Ingrid Sischy[4], curators of Art/Fashion Biennale di Firenze 1996 point out: "The Biennale spotlight their relationships in all types of ways; you will find examples

[1] Jones, S.J. (2005) ***Fashion Design***. London, Laurence King Publishing, pp. 24
[2] Mendes, V. & de la Haye, A. (1999) ***20th Century Fashion. London***. Thames & Hudson, pp. 6
[3] Ready-to-wear or *prêt-à-porter* is the term for factory-made clothing, sold in finished condition, in standardized sizes, as distinct from bespoke clothing made to measure for a particular person. http://www.answers.com/topic/ready-to-wear
[4] Celant, G. & Settembrini, L. & Sischy, I. (1997) ***Looking at Fashion, with Art***. Art/Fashion. D.A.P, Inc, pp. 12

of cross-pollination[5], differences, collaboration, conflict and inspiration". Constructivism, Surrealism and Conceptual Art are the art movements that offered a solid framework for flourishing relationship with fashion: Constructivism, with its ideological platform of "art for a purpose" and utilization; Surrealism, with its desire for inventions and unconventionality and Conceptual art for its aim to create a meaning, to boost intellectual processes and raise levels of consciousness. Artists and designers have become aware that fashion that can challenge our memories, archetypes, fears, anxieties, desires. Many contemporary artists such as Alexander Rodchenko, Sonia Delaunay, Giorgio de Chirico, Joseph Beuys, Lucio Fontana, Christo and Roy Lichtenstein have created artifacts that are bright evidence of these relationships. The collaboration of Elsa Schiaparelli and Salvador Dali is a bright example: the Skeleton Dress (Figure 1), the Desk Suit (inspired by Dali's sculpture in (Figure 2) and the Shoe Hat (Figure 3) are just a few products of their shared artistic inquiry.








Figure 1 – Schiaparelli & Dali, Skeleton Dress (black crepe), Circus Collection, 1938
Figure 2 – Salvador Dali, Venus de Milo with Drawers, 1936. Idea later used by Schiaparelli for the Desk Suit
Figure 3 – Elsa Schiaparelli, Shoe Hat, 1937. Inspired by Salvador Dali once putting a slipper on his head

Schiaparelli is a fashion avant-garde who has employed artistic innovations into her designs while managing to keep her fashion business commercially successful. The pioneering collaboration between Schiaparelli and Dali led the way for other designers to take the risk of experimenting with art while balancing with the fashion momentum.

[5] Means transfer of pollen or influence / inspiration between or among diverse elements (www.thefreedisctionary.com/cross-pollination)

Conceptual Fashion and its Political "Warriors"

"Conceptual fashion" should not be mixed with "conceptual clothing". While conceptual clothing is an artistic instrument for conveying certain messages and can be unwearable, conceptual fashion is a wearable category of a commercial value. Nonetheless, it is not so "much about forms and materials, but about ideas and meanings"[6]. Having all this in mind, we now raise the question of how a fashion designer can beat dualism between commercialism and conceptuality? Or, how one designer can retain the practical (wearable) side of their products while using them for conveying deep philosophical, social and political messages? Apparently there must be designers who want to use fashion for such messages and customers who are interested to wear such fashion as a symbol for identification. According to Joshua Miller[7] clothes **s**erve two political functions: 1) they challenge the society's dominant symbols, and 2) they unite groups that challenge the society's dominant ideas and imagery. Clothes are important symbol of collective identity, therefore can foster feelings of pride and community. In the 20th century T-shirts turned into a popular media for expressing political thoughts and collective affiliation. The T-shirts with the portrait of revolutionist Che Guevara are still one of the best-sellers, from the Sixties to present days. But an important change occurred in the beginning of the Eighties, when some brave designers like Katharine Hamnett and Vivienne Westwood made political statements themselves, wearing their provocative fashion designs. For example, Hamnett met the Prime minister Margaret Tatcher wearing a T-shirt saying "58% don't want Pershing". This T-shirt was a part of Hamnett's Ready-to-Wear collection "Choose Life", Autumn/Winter 1983/84.

90's and the New Consciousness in Fashion - it is undoubtedly clear that fashion reflects the spirits of the times. After the hedonism of the eighties, a new wave of social consciousness and avant-garde approach has colored the fashion industry. The reaction against Globalism, consumerism and culture of excess has injected the notions of social consciousness, spirituality, authenticity and ecological awareness. Designers came up with minimalistic design concepts influenced by non-Western cultural traditions. Designers like Issey Miyake, Rifat Ozbek, Dries van Noten, Martin Margiela brought modernity on the fashion stage. Rei Kawakubo referenced the horrors of Auschwitz in his Spring collection 1995 for Comme des Garçons titled "Sleep". But it was Alexander McQueen and Hussein Chalayan, both students of London's Saint Martins College of Art & Design, who fascinated the fashion public with their graduation shows in 1993 and 1994 and

[6] As argued by Nathalie Khan in chapter "Catwalk Politics". Bruzzi, S. & Church Gibson, P. (2000) ***Fashion cultures: theories, explorations, and analysis***. Oxon, Routledge

[7] Miller, J. I. (2005) **"Fashion as Political Action"** *Paper presented at the annual meeting of the American Political Science Association, Marriott Wardman Park, Omni Shoreham, Washington Hilton, Washington, DC Online* <**PDF**>. 2009-05-25 from http://www.allacademic.com/meta/p39896_index.html

soon established themselves as the fore-fronts of British conceptual fashion. Both are dealing with various provocative themes in their work, but one of these themes is very common for them: their national and cultural identities. The two designers have ethnic backgrounds from small and oppressed nationalities (Scotland and Northern Cyprus) and both developed professionally in the realm of the British culture, so they have plenty to say on their personal cultural experiences. They bring the element of self-referencing as quite courageous and unusual in the array of fashion inspirations. Mostly, inspirations are drawn from the outside world (nature, artifacts, historical costumes, fashion products etc.)[8]. McQueen and Chalayan will refer to their personal histories and identities for some of their most exciting fashion projects to date. Moreover, they didn't dare to hide their thoughts on some of the hottest political issues in the past decades: Scottish independence and the political status of Northern Cyprus.

Alexander McQueen

Alexander McQueen[9] was born in London in 1969 as the youngest of six children. At the age of 16 he started his apprenticeship in Saville Row, learning the secrets of bespoke English tailoring. With the theatrical costumiers Angels and Bermans he mastered 6 methods of pattern cutting from the melodramatic 16th Century to the razor sharp tailoring which has become a McQueen signature. After working with Koji Tatsuno and Romeo Gigli, he returns to London in 1994 to complete the MA course in Fashion Design at St. Martins.


He soon became known for his highly provocative and emotional collections. Juxtaposing contrasting elements and the principle of chock in his work, he contextualized much of his historical and cultural background in the avant-garde collections and catwalk shows.


The enfant-terrible of British fashion infused the power of conceptual art performances on the catwalk, the power that has been brought to art scene earlier by another enfant-terrible: the German art colossus Joseph Beuys. But, it is not only the desire to "trigger intellectual processes, strengthening and developing consciousness"[10] through their work, but an emotional wound that both suffered from: their countries' defeat at some point in history. Beuys had the trauma of his country's defeat in the Second World War (he was directly involved as a fighter pilot in the Luftwaffe) while McQueen could not put out of mind the "ghost" that has chased him following his Scottish ancestors' defeat by the British in the 18th century.

[8] Mete, F. (2006) ***The Creative Role of Sources of Inspiration in Clothing Design.*** International Journal of Clothing Science and Technology <www.emeraldinsight.com>, No. 6, 2006. (accessed 22 July 2007)
[9] Biographical data source: www.alexandermcqueen.com
[10] Franz Meyer quoted in The Art of Modernism, pp. 507.

Of course, being of a Scottish descent, McQueen could not avoid his national identity and inclusion of elements of the Scottish traditional dress in his designs. But from there he went furthermore, waving some visible threads of his ancestral history in his collections. The strong national sentiments towards Scotland were the autobiographical reference in his 1995 collection "**Highland Rape**" (figures 4 - 11). "Highland Rape" clearly shows that McQueen is dealing" with unresolved past events"[11].

The story is about the "rape" of the Scottish nation done by the British. McQueen's ancestors - the Jacobite Highland-Scots, were defeated in the Battle of Culloden in 1746 and then expelled by the British troops under the Duke of Cumberland. But McQueen's angst is much more targeted to Cumberland's 1746 Dress Act clause in the Act of Proscription, which made it illegal to wear Highland-Scot pieces of clothing, the tartan kilt and Highland military shoulder belt[12]. The tartans (and the clothes themselves) are the main identifiers of the Highland clans system, so this act was seen as a brutal "murder" of the Scotish cultural identity (at the catwalk show there were fake battle wounds, thorn clothes and ripped kilts). According to David Miller[13] national beliefs can only be transmitted through cultural artifacts which are available to everyone who belongs. With his "Highland Rape" collection McQueen sought the freedom of cultural expression, but at the same time he emphasized the importance of dress in one's personal and collective identity. Nationality, identity and culture are inseparably connected in symbiosis. McQueen proved that nationality as a crucially important concept of collectivity is part of each personal identity and as such may also have an important influence in one's professional life.


Figure 4


Figure 5





Figure 6


Figure 7

[11] Callahan, M. (2007) ***The Ghost That Haunt Us***. <http://www.zimbio.com/Alexander+McQueen/articles/6/FASHION+article+entry> 30 November 2007 (Accessed 16 January 2010)
[12] Ibid
[13] Miller, D. (1995) On nationality. Oxford, Clarendon Press.


Figure 8


Figure 9


Figure 10



Figure 11

Figure 4 – 11 Alexander McQueen, "Highland Rape" Ready-to-Wear collection, autumn/winter 1995/96. Photo credits all © Nail Mc Inerney.
Source: www.contemporaryfashion.net

McQueen shocks the fashion stage with his avant-garde fashion concepts but the brand remains commercially successful. The label has survived the turmoils of the highly competitive market. In 2000, 51% of Alexander McQueen was acquired by the Gucci Group, where he remains to this day as Creative Director. Collections include women's ready-to-wear, men's ready-to-wear, accessories, eyewear and fragrance. Expansion followed and included the opening of flagship stores in New York, London and Milan. Alexander McQueen collections are distributed in 39 countries through 194 wholesale accounts including specialty shops and department stores. McQueen also made successful partnerships with Puma and Samsonite. He has won a number of prestigious awards in fashion and was included in the list of the 25 most influential people in Britain's fashion industry today[14].

Hussein Chalayan

Hussein Chalayan[15] is a Turkish Cypriot born in Nicosia in 1970. He started his education in Cyprus and then moved to London, where he graduated from Central St. Martins College of Art and Design in 1993. With his graduate collection "Tangent Flows" he immediately launches himself as innovative designer, burring his iron filings-covered silk dresses in the ground for months before exhuming them. Since his first commercial collection in 1994, Chalayan has delivered more than 30 ready-to-wear collections, without losing his conceptual and visionary approach in work. As stated in "From Fashion and back"[16] exhibition brochure, "Chalayan's work demonstrates his unique ability to combine beautiful and wearable clothes for today with an intriguing vision of the future". What he wants to offer through his shows is a "cultural experience for the spectators". Chalayan is

[14] Voted by the British Fashion Council Press Committee (www.husseinchalayan.com)
[15] Biographical data source: www.husseinchalayan.com
[16] ***From Fashion and Back***, 22 January – 17 May 2009, Design Museum London

dedicated to attain a high place in the cultural sphere, doing art projects, art exhibitions and collaborations. On the commercial side of the business, he sells worldwide and continuously gets sponsorship support by the big industry players like Swarowski, Marks & Spenser, Dupont, Turquality, Arcadia Group and Puma. His designs are nowadays wore by celebrities like Jennifer Lopez, Katy Perry and Lady Gaga. For his achievements Chalayan has been awarded a number of prestigious awards in fashion and like his colleague McQueen was included in the list of the 25 most influential people in Britain's fashion industry today[17].

Conceptual and visionary approach for Chalayan means quest into interdisciplinary spheres. His work is inspired by technology, science, philosophy, anthropology, politics, architecture. With Chalayan we cannot witness a typical visual inspiration reference to historical costumes or art pieces (as with i.e. Vivien Westwood or John Galliano). Hussein Chalayan rather digs into his personal history and cultural identity. What has defined him as author is his life thorn between two cultural identities – the Cypriot and the British. The complexity of living with multiple ethnic and cultural identities has led him to themes such as nationality, migration, refugees, forced displacement, and ethnic cleansing. The collection "**After Words**" for Autumn/Winter 2000 bursts with ethnic-cultural self-references. In one of the most exciting fashion presentations in the past decades, Chalayan makes a strong political statement on the terrors of war and displacement. Very short after the Kosovo crisis in 1999 and the huge swathes of Albanian and Serbian refugees, he used his collection to remind on the Cyprus dispute and the ethnic cleansing in 1974. His own family has struggled in the period of displacement, when Cyprus has been divided in two parts – Greek domination in the South and Turkish domination in the North. It is estimated that up to 200.000 Greek Cypriots and 65.000 Turkish Cypriots were displaced by the Turkish invasion on the island[18]. Chalayan presented its collection as artistic performance, moving away from a typical catwalk show. He used Sadler's Wells Theatre in London for staging the performance. Moreover, he produced the "After Words" video from the performance, which entered the portfolio of his art projects. The performance starts with 5 people sitting on chairs, representing a family (Figure 12). There is a round coffee table in the middle. When the models appear on stage, they clothe themselves with the clothes hidden on chairs (Figures 13 – 16); the coffee table becomes a skirt (Figures 17 – 19). The furniture transforms into wearable pieces and embodies Chalayan's concept for a mobile environment.

Chalayan's aesthetical concept is evident: he goes back to Constructivism[19] and its geometry, reductionism, sculpturalism, kinetics, and apparent absence of

[17] Voted by the British Fashion Council Press Committee (www.husseinchalayan.com)
[18] According to UNHCR
[19] Constructivism is artistic and architectural movement born in Russia 1913, which found followers across Europe.

emotions. The whiteness of the stage (a room) where the show is held emphasizes the moods of minimalism and calmness. It is obvious that Chalayan doesn't want to evoke feelings of anxiety. Instead, he offers a sanctuary. He makes a safe heaven, a shelter for the refugees he refers to. Giving refugees a chance to take their possessions with them, is a way of self-healing for Chalayan. He finds a design solution to the problem of displacement and gives his family, his people and at the end all other refugees a compensation for their emotional struggle. In other words, he expresses his deep sentiments of belonging and compassion.



Figure 12



Figure 13



Figure 14



Figure 15



Figure 16



Figure 17



Figure 18



Figure 19

Figure 12 – 19 Hussein Chalayan, "After Words" Ready-to-Wear collection, Autumn/Winter 2000/01. Photo credits all © Chris Moore. Source: www.husseinchalayan.com



Figure 20



Figure 21

Figure 20, 21 Hussein Chalayan, "Abimorphous", Ready-to-Wear collection, Autumn/Winter 2002). Photo credits all © Chris Moore. Source: www.husseinchalayan.com

In his "**Ambimorphous**" collection (2002), Hussein Chalayan again refers to his ethnical roots and plays with his personal experience of dealing with two cultures: Eastern (Turkish) and Western (British). He uses a traditional Turkish dress as a starting point, which gradually transforms into a black, modern western coat. The

process reversibly moves back to the traditional dress. All phases of these transformations are "frozen" into separates of the collection. The concept clearly points on Chalayan's concerns about the place of traditions into the modern, globalized world. At the same time, the audience can witness his personal sentiments towards the oriental culture and the desire for keeping this part of himself very much alive.



Figure 22 - 25

Figure 22 - 26 Hussein Chalayan, "Temporal Meditations", Ready-to-Wear collection, Spring/Summer 2004. Photo credits 22, 23 © Gordana Vrencoska. 24, 25 source: www.husseinchalayan.com

The collection titled "**Temporal Meditations**" brings a journey in time, connecting past and present of his native country – Cyprus. Through narrative

illustrations of historical routes of migrations, he once again wants to remind on his ethnical roots and preserve the heritage of his people's history. The illustrations are printed on the fabrics used for the separates. These garments become "an archeological talisman"[20] and frozen fragments of one's "meditations" for his national and cultural identity.

Alexander McQueen and Hussein Chalayan are certainly not alone in their artistic passion for their national and cultural identity. There are many other artists and designers who are dealing with these issues, but a strong connection can be made with one lady who dealt with multiple identities much earlier than themselves, and used clothing to express belonging in her art works. Frida Kahlo, one of the greatest artists of the 20th century, has been obsessed with her complex personal and national identity throughout whole life and career. Kahlo is of a mixed race – German Jewish and Mexican. The influences of the indigenious Mexican culture on one side and the European culture on other side are seen in greater part of her work.

"It is only when you meet someone of a different culture from yourself that you begin to realize what your own believes are" Gorge Orwell once said. After spending 4 years in the USA, Frida Kahlo's patriotism towards Mexico has strengthen even more. In one of her paintings titled *Self-portrait on the Borderline* she juxtaposes both cultures, the rural Mexican and industrialized American, placing herself in the middle. By wearing traditional Mexican Tehuana dress and holding the Mexican flag in her hands, she expresses her loyalty to her native country. In his text for the retrospective exhibition of Frida Kahlo in Tate Modern London, 2005, Burton argues that Kahlo makes "a political statement in support of an authentic and independent Mexican heritage"[21]

In the painting *Tree of Hope* there are two Frida Kahlos, two distinct selves (and the struggles between them); one of them is closer to her public personality, the proud and exotically dressed Mexican woman who identified strongly with her homeland, and the other the more private self, the woman who suffered harsh pain. Showing the other self lying on a hospital bed, she shows her history of the countless medical operations she had to undertake for recovering from the traffic accident she had as a young woman.

[20] As cited in the exhibition's brochure. ***From Fashion and Back***, 22 January – 17 May 2009, Design Museum London

[21] Burton, J. (2005) ***Frida Kahlo***. Tate Modern, London.



Figure 26




Figure 27

Figure 26 Frida Kahlo, Self-portrait on the Borderline
Figure 27 Frida Kahlo, Tree of Hope, 1946

Conclusions:

Clothes are important instrument for personal and collective identification. They are also used by artists and designers for conveying important social, cultural and political messages. In fashion design, there is a movement called "conceptual fashion", which aims at using wearable clothes for raising consciousness and dealing with important social issues. As fashion is highly commercial system established around the seasonal collection schedule Autumn/Winter and Spring/Summer, it is difficult for conceptual designers to juggle between their artistic conceptual needs and the commercial demands of the industry. Two successful contemporary conceptual designers - Alexander McQueen and Hussein Chalayan are managing the above mentioned fashion dualities even though they tackle highly provocative, often self-referential issues in their work (Ready-to-Wear collections): political disputes, national and cultural oppression, ethnic cleansing, displacement, diminishment of local cultural values, etc. We assumed that Alexander McQueen and Hussein Chalayan's formula for successfully managing the fashion dualism is based on several important principles:

- Continuous presence in the fashion industry and "disciplined" consideration of the fashion cycle Autmn/Winter and Spring/Summer
- Employing innovation in designing and presentation
- Powerful, narrative and memorable catwalk shows, mostly presented as art performances (unusual content within a usual context)

- Employing high-level design concepts and innovative couture techniques
- Nurturing the cultural aspect of work, involving deeply human concerns and modern anxieties in a fashion context
- Partnership with strong fashion industry players who financially support the designers' labels and experimental projects

Заклучок:

Облеката е важен инструмент за лична и колективна идентификација. Исто така, облеката е средство што уметниците и дизајнерите го употребуваат за испраќање на важни општествени, културни и политички пораки. Во модниот дизајн постои правец наречен *концептуална мода*, во кој дизајнерите се стремат кон употреба на носливата, готова облека за зголемување на јавната свест и поставување на важни општествени прашања. Бидејќи модата е високо-комерцијален систем, етаблиран околу сезонското производство на колекции Есен/Зима и Пролет/Лето, за концептуалните дизајнери претставува тешкотија да балансираат помеѓу нивните уметнички потреби и комерцијалните барања на индустријата. Успешните современи концептуални дизајнери Александар Меквин и Хусеин Чалајан умешно се справуваат со модниот дуализам, иако во своите модни колекции допираат провокативни, често и автореферентни прашања: политички спорови, национални и културни потлачености, етничко чистење, раселување, намалување на локалните културни вредности и сл. Нивната формула за успешно балансирање на модниот дуализам можеме да ја согледаме преку следниве важни принципи што ги применуваат:

- Континуирано присуство во модната индустрија и дисциплинирано почитување на модниот циклус Есен/Зима и Пролет/Лето
- Примена на иновации во дизајнирањето и презентирањето
- Моќни, наративни и впечатливи модни ревии, презентирани како уметнички перформанси (необична содржина во вообичаен контекст)
- Примена на издржани дизајн концепти и иновативни техники на кроење
- Негување на културниот аспект во работата, вклучувајќи актуелни теми со голема важност за човекот, во моден контекст
- Партнерство со моќни играчи од модната индустрија, кои ги подржуваат дизајнерите и нивните брендови и експериментални проекти.

References

Books:

1. Arnold, R. (2001) ***Fashion, desire and anxiety: Image and Morality in the 20th Century***. London, I.B. Taurus.

2. Bocola, S. (1999) ***The Art of Modernism***. Munich, Prestel Verlag.

3. Bruzzi, S. & Church Gibson, P. (2000) **Fashion cultures: theories, explorations, and analysis**. Oxon, Routledge
4. Evans, C. (2003 ***Fashion at the Edge: Spectacle, Modernity and Deathliness***. Yale University Press.

5. Gellner, E. (1983) ***Nations and Nationalism***. Oxford, Basil Blackwell.

6. Jones, S.J. (2005) ***Fashion Design***. London, Laurence King Publishing.

7. Leventon, M. (2005) ***Fashion and Anti-Fashion***. London, Thames & Hudson.

8. Mendes, V. & de la Haye, A. (1999) ***20th Century Fashion. London***. Thames & Hudson.

9. Miller, D. (1995) ***On Nationality***. Oxford, Clarendon Press.

10. Musil, R. (1990) ***Precision and Soul: Essays and Addresses***. London, The University of Chicago Press.

11. Stern, R. (2003) ***Against Fashion: Clothing as Art, 1850 – 1930***. Cambridge MS, MIT Press.

12. Tucker, A. (1998) ***London Fashion Book***. London, Thames & Hudson.

Papers:

1. Mete, F. (2006) ***The Creative Role of Sources of Inspiration in Clothing Design.*** International Journal of Clothing Science and Technology <www.emeraldinsight.com>, No. 6, 2006. (accessed 22 July 2007)

2. Miller, J. I. (2005) **"Fashion as Political Action"** *Paper presented at the annual meeting of the American Political Science Association, Marriott Wardman Park, Omni Shoreham, Washington Hilton, Washington, DC Online* <**PDF**>. 2009-05-25 from http://www.allacademic.com/meta/p39896_index.html

Reports:

Vrencoska, G. (2005) ***Cosmonationals vs. Governments and challenged loyalty: How can we design a creative future for nationality and citizenship in a competitive world without borders?*** MA Thesis, University of the arts London.

Electronic journal articles:

Callahan, M. (2007) ***The Ghost That Haunt Us***. <http://www.zimbio.com/Alexander+McQueen/articles/6/FASHION+article+entry> 30 November 2007 (Accessed 16 January 2010)

O'Mahony, M. & E. Braddock, S. ***Introduction to Fabric of Fashion*** http://www.britishcouncil.org/arts-design-fashion-fabric-of-fashion.htm (Accessed 15 January 2010)

Political Fashion — Message Clothing for a Cause **<**http://insite.artinstitutes.edu/political-fashion-message-clothing-for-a-cause.aspx**>**, 11 October 2009 (Accessed 15 January 2010)

Wimhurst, K. (2008) ***Frida Kahlo: Magical Realist?*** < http://www.magicalrealism.co.uk> (Accessed 18 January 2010)

Windsor, J. (2000) ***Wrong fit at the right place***. <http://www.guardian.co.uk/money/2000/feb/06/alternativeinvestments.cash>, 6 February 2000 (Accessed 15 January 2010)

Catalogues and brocures:

Burton, J. (2005) ***Frida Kahlo***. Tate Modern, London.
Hussein, C. ***From Fashion and Back***, 22 January – 17 May 2009, Design Museum London

http://www.alexandermcqueen.com
http://www.husseinchalayan.com
http://www.vam.ac.uk
http://www.glbtq.com/arts/mcqueen_a.html
http://designmuseum.org/design/alexander-mcqueen
http://www.freescotland.com/virtind.html
http://en.wikipedia.org/wiki/Cyprus_dispute
http://en.wikipedia.org/wiki/Wars_of_Scottish_Independence
http://www.answers.com/topic/ready-to-wear

Exhibitions:

Art/Fashion, Bienale di Firenze, 1996
Frida Kahlo, 9 June – 9 October 2005, Tate Modern, London.
Hussein Chalayan, From Fashion and Back, 22 January – 17 May 2009, Design Museum London

316.343.62-055.1:685.34.012"16/18"

Доц. м-р **Никола ЕФТИМОВ**

ЕКСЦЕНТРИЧНИОТ МАШКИ КОСТИМ ВО XVII-ОТ, XVIII-ОТ И XIX-ОТ ВЕК

Апстракт

Оваа статија го објаснува феноменот на машкиот костим од аспект на ексцентричноста. Авторот ја избра временската рамка поради различни причини. Во текот на XVII-от век се раѓаат првите парчиња на машка облека што можат да бидат сметани за модерни. Во истиот период суетната самобендисаност на Луј XIV и дворјаните, во однос на костимот и целосниот изглед, го достигнува својот врв. Во последната фаза на владеењето на францускиот крал, се забележува тенденцијата, машката облека постепено да се поедноставува (процес што ќе се заокружи во XIX-от век), а екстравагантната облека се' повеќе ќе биде резервирана за одредени социјални групи или индивидуалци.

Клучни зборови: *ексцентиричен машки костим, екстраваганција, Луј XIV, мускадани, енкројабли, денди*

Вовед

Преземањето на власта од страна на Луј XIV ќе коинцидира со воспоставувањето на француската хегемонијата во однос на облеката. Во овој период машката современа облека започнува да ги дефинира своите основни парчиња.

Се раѓа т.н. вест (vest), предвесникот на елекот, се стабилизира употребата на т.н. аби (l'habit), првиот пример на средишна облека, позиционирана преку вестот, а под наметката, станувајќи на тој начин предвесник на современиот џакет, започнува употребата на крават̀ата и чизмите конципирани на начин близок на современиот.

Шапката ги напушта своите меки форми на беретата и станува ригидна, започнува употребата на тророгата шапка (tricorne). Од англиските парчиња облека се издвојуваат фракот и редингот. Првиот тип облека ќе ја карактеризира машката мода во текот на целиот XIX-ти век, стабилизирајќи се како прототип на гала облеката, вториот во себе ќе го носи никулецот на идејата за палтото (капутот), што исто така ќе се афирмира во XIX-от век.

Што се однесува до боите пак, црната ќе биде употребувана од протестантите, претпазливи кон земските задоволства, но не треба да се заборави дека оваа боја била користена во текот на XVI-от и XVII-от век од страна на благородништвото како знак на свеченоста и социјалната положба. Црната боја е присутна и во тогите на судиите, како симбол на негирање на индивидуата и потврда на непристрасната пресуда.

Негирајќи го телото на мажот, црното во XIX-от век ќе ја зајакне идејата за индустрискиот развој и граѓанството, ќе го афирмира моралот на оние делови од општеството што своите ресурси ќе ги базираат на работата, економијата и штедењето (Giorgetti C. & Colarullo E. 1994, 9-10).*

1.Дворската екстраваганција

1.1 Луј XIV и Франција за време на неговото владеење

Од периодот на склучувањето на Пиринејскиот договор во 1659 година, француската надмоќ на континентот станува очигледна. Франција е најнаселената држава во Европа, има околу 20 милиони жители. Таа се наоѓа на чело на интелектуалните и уметнички движења. Од 1660 до 1715, по настојување на кралот и министрите, оваа држава настојува да ја одржи и зголеми својата моќ. Неповолните економски услови ќе ја исцрпат нејзината сила.

Во 1661 година, на возвраст од 22, а по смртта на „премиерот" (првиот министер)[1], Луј XIV ја презема личната контрола во владеењето (Dunlop, I. 2001, 12). Тој е физички привлечен и достоинствен во својата појава (сл. 1). Го одликува просечната интелигенција во која се имаат споено здравиот разум и крајната претпазливост во донесувањето на решенијата и големата

* Во текот на изработката на оваа статија, авторот се соочи со голем проблем поврзан со терминологијата што се користи за именување на различни типови облека. Непостоењето домашна литература што го третира овој проблем, доведе до потреба од сремежливо воведување на стручни термини за означување на различните типови на облека, додатоци итн. Термините најчесто се транскрибирани во македонско кирилично писмо од јазиците во кои се настанати. Онаму каде што стануваше збор за описни фрази, тие беа преведени. На тој начин е избегната генерализацијата во именувањето на типовите облека и додатоци, карактеристични за различни култури и епохи. Покрај кириличната транскрипција, термините се напишани и на оригиналниот јазик, со латинично писмо, поставени во загради.
Ваквиот обид да се именуваат нешта што досега не биле предмет на сериозно истражување во Република Македонија, може да биде повик за лингвистите и историчарите на костимите, во иднина, да се позанимаваат со адаптација на термините што би помогнале во изучување на историјата на костимите во локални рамки.
Историскиот контекст во кој се настанати костимите, е назначен во куси, „енциклопедиски" форми, за да не се оптовари главното тело на текстот

[1] *Premier minister,* се однесува на италијанскиот кардинал Мазарен (*Jules Mazarin, 1602-1661)*

самоконтрола. Неговото воспитување е повеќе практично, отколку базирано на книгите. На Мазарен му го должи своето политичко образование. Јакиот карактер и доброто здравје му овозможиле на Луј XIV, во текот на долгите години владеење, без задршки да се изложува на големи напори и да води интензивен социјален живот.

За време на првите дваесет години на личното на владење на Луј XIV, дворот го менува местото за претстој. Кралот живее во Лувр, Тиљери,

Слика 1: Шарл Лебрен, портрет на Луј XIV, кралот на Франција во 1661.



Извор: http://en.wikipedia.org/wiki/File:Louis-xiv-lebrunl.jpg

Сен Жермен и Фонтенбло. Тој не го сака многу Париз, зашто го потсетува на фрондата (Larousse, 3 том, 1973, 426).

За дворската атмосфера од големо значење ќе биде реструктуирањето на Версај. На почетокот на 1630 година дворецот имал дваесет и шест простории опремени за живеење. Кралскиот апартман, смесетен на првиот кат, се состоел од студио, спална соба, сала за приеми и гардероба. Во последната просторија биле чувани облеките што владетелот ги употребувал и оставал во Версај. Се истакнуваат: едно парче облека направено од зелено кадифе со копчиња и поставено со крзно од верверичка, облека направена од зелен дамаск поставена со тафта и облека наменета за престој во приватните одаи. Постоечкиот аспект на дворецот бил модифициран во 1636 година, а инаугурацијата се случила на свеченоста по повод празникот на Богородица.

Оваа, се' уште скромна архитектонска рамка, ќе стане местото каде што ќе се одвива секојдневниот живот на идниот владетел Луј XIV, срцето на големата палата и седиште на раскошниот двор на „кралот на сонцето“ (Giorgetti C. & Colarullo E. 1994, 15).

Големите конструктивни зафати за модификација на архитектонските аспекти на стариот дворец започнуваат во 1666 година. Со моделирањето на новото кралско седиште, монархијата и благородништвото ќе станат дел од

сценариото на Версај, во кое Луј ќе обрнува големо внимание на дворските правила. Етикетата не била инвенција на Луј XIV, но таа за време на владеењето на овој крал ќе стане догма, на која ќе робува и самиот владетел. Во 1682 година дворот и владата дефинитивно се стабилизираат во новото седиште (Antoine, M. 1997, 33). Од овој момент, етикетата ќе ги регулира сите активности, а братот на кралот (Monsieur)[2] ќе ја надгледува изведбата на церемонијалот (Giorgetti C. 1997, 211).

1.2. Дворскиот машки костим за време на владеењето на Луј XIV

Ексцентричноста во периодот на Луј XIV е резервирана за дворскиот круг и се изразува преку големата рафинираност и елеганција.

Од формален аспект, развојот на костимот од периодот на владеењето на Луј XIV, од страна на француските историчари е поделен на три периода. Првиот, младешки период, временски е врамен меѓу 1644 и 1661 година. Вториот период се одвива меѓу 1661 и 1670 година и е познат како врв на владеењето. Последниот период кореспондира со зголеменото влијание на маркизата Мантнон[3] и ќе трае од 1670 до 1715, годината на смртта на кралот (Giorgetti C. 1997, 213). Маркизата Мантнон во дворската облека ќе воведе нота на одмереност и едноставност, но кон крајот на векот, кралот ќе покаже негодување кон ваквиот рестриктивен израз и повторно ќе бидат воспоставени раскошните форми (Bradley C. G. 2001, 195).

Првиот период на владеењето на Луј XIV ќе конзервира одредени карактеристики на претходната, епохата на кралот Луј XIII. Шапките и натаму имаат широка стреа, а чизмите ревери. Меѓу првите инвенции што се врзуваат за новиот владетел ќе бидат јаките врзани со панделки, како замена на постарите големи и рамни форми. Истовремено биле промовирани структури составени од украсни траки, познати под името галони (gallants), поставени на различни делови на облеката, на чевлите и во зоната на половиот орган, како замена на постарите брагети (*braguette* или *brayette*) (сл. 2).

На почетокот на владеењето на Луј XIV панталоните во долниот дел завршувале во големи, широки структури поставени над жартиерите (jarretières). Овој декоративен елемент е познат како канон (canon). Околу 1660 година на украсувањето на каноните ќе биде посветено поголемо внимание и тие ќе станат широки парчиња на бел веш и тантела, поставени

[2] *Monsieur* се однесува на Филип I, војводата од Орлеан, помалиот брат на Луј XIV *(Philippe d'Orléans, Philippe de France, fils de France, duc d'Orléans, 1640–1701)*

[3] Морганатската, втора сопруга на Луј XIV, позната како *Madame de Maintenon (Françoise d'Aubigné, Marquise de Maintenon, 1635-1719)*

под колениците и дополнително украсени со самите жартиери и декоративни ленти оформени како розети и прстени (сл. 3).

Промени ќе доживее и т.н. пурпуан (pourpoint). Тој ќе биде скратен и целосно закопчан над кошулата. Исконструираниот немарен изглед ќе резултира со постоењето на мало растојание меѓу коланот на панталоните и пурпуанот.

Токму овој аспект на немарност, помешан со внимателно изградената елеганција и големото богатство на детаљи и употребени материјали, ќе стане главна карактеристика на машката облека од вториот период. Јаката и понатаму се употребува, но се поставува над градите со помош на два свиени

Слика 2: Облека украсена со галони (околу 1660 г.)[4]



Слика 3: Канон



набори поставени вертикално. Во дворската облека ракавите на пурпуанот се кратки и декорирани со волани од тантела од кои излегувале ракавите на кошулата, собрани на лактите и рачните зглобови со ленти (сл. 4).

Главниот елемент на облеката од овој период е т.н. ренграв (rhingrave), увезен од Холандија (сл. 5). Своето име го добива по грофот од Салм, со дополнителната титула на грофот од Рин[5]. Овој тип облека го има

[4] Графичките прилози под кои не се одбележани изворите се преземени од:
Giorgetti, C.: *Manuale di Storia del Costume e della Moda*. Firenze: Cantini & C. 1997.

[5] *Comte de Salm, Rhingrave*

своето потекло во кусите панталони со пренагласена ширина, застапени во фламанската облека.

Слика 4: Костим од вториот период на владеењето на Луј XIV (околу 1670 г.)




Ренгравите би можеле да бидат опишани како панталони-подздолништа. Тие оставале впечаток на здолниште, без видливи знаци на одвојување меѓу нозете (Boucher F. 1997, 266). Нивната потстава била закачена за колениците со помош на кулиса, која во претходниот период служела за правење на наборот на каноните. Варијанта на овој тип облека била позната како ренграв-кулот (rhingrave-culotte). Меѓу 1660 и 1668 година, ренгравот бил декориран со украсни ленти, додека околу 1670 година на долниот дел бил додаден волан.

Од додатоците карактеристични за овој период, се издвојуваат т.н. бодрие (baudrier) – широка лента од ткаенина, поставена на рамениците и декорирана со вез и реси, придружена со т.н. јазол на мечот (noeud d'épée). Од 1668 година година, преку оваа лента, а во летните месеци, била поставувана шарпа од тантела што го обиколувала телото и била позиционирана малку под линијата на половината. Во зимските месеци бил употребуван крзнен муф за заштита на дланките од студ.

Изгледот во овој период го дополнувале наметките на кои едниот крај бил придржуван со рацете и на тој начин биле видливи сите декорации аплицирани на ренгравите и каноните.

Во третиот период започнува еволуцијата на машките типови облека, кои со извесни модификации, ќе останат во употреба се' до Француската револуција (сл. 6). По 1678 година ренгравот дефинитивно излегува од употреба во Франција. Актуелниот костим се состоел од три главни парчиња: жустакор (justacorps), вест или жиле (vest или gilet) и кусите, тесни панталони - кулот (culotte).

Слика 5: Ренграв
а - „подзолниште“
б - жартиера и кулиса
в - затворениот, долен дел на ренгравот



Жустакор бил тип облека, што наликува на денешните џакети/палта. Имал долги ракави со широки парамани, прицврстени со копчиња. Долниот дел на жустакорот имал нагласенена ширина, особено на страните на колковите. Од предната страна била поставена густа низа копчиња. Должината на ова парче на облека била нешто под линијата на колениците. Предницата била декорирана со вез и апликации познати под терминот бранденбур (brandenburgs). Овој декоративен зафат ги врамувал местата каде што биле поставени копчињата и дупките за закопчување, на предната страна на жустакорот. Ракавите постепено ќе еволуираат во форми со се' поистакнат волумен, а вредно е да се спомене дека околу 1690 година ќе бидат дефинирани со комплексниот термин „ракави во облик на чизми“ (manches à bottes). Во истиот период исчезнуваат декоративните ленти, кои во првиот период на владеењето на Луј XIV и натаму продолжувале да ги украсуваат рамениците и ракавите на висината на лактите. Може да се заклучи дека по 1690 година жустакорот станува побазичен и одмерен.

Џебовите што добиваат значајна орнаментална улога, биле позиционирани на предната страна, а и самите биле богато декорирани со вез и различни типови апликации. Со текот на времето, жустакорот станувал се'

поотворен во горната зона, овозможувајќи и' на тој начин на крават̀ата да биде видлива. Таа можела да биде изведена од тантела или муслин.

Крават̀ата, околу 1670 година, ја заменува украсната лента што била користена за време на вториот период.

Со почетокот на новиот век овој тип на облека се збогатува во долниот дел, а наборите формираат тип на волан (Giorgetti C. 1997, 215).

За време на владеењето на Луј XIV, чизмите биле користени само во исклучителни пригоди, како на пример јавањето и ловот, а чевлите ќе доживеат исклучителна еволуција.

Слика 6: Луј XIV во костим

од третиот период




Меѓу вториот и третиот период (1660-1680) чевлите, честопати изработени од свила, биле украсувани во предниот горен дел со богат јазол, што можел да добие облик на панделка. Овој тип на обувки бил познат како „крилја на ветерницата“ (ailes de moulin à vent). Подоцна предната страна на чевлите била изработувана во два дела, прицврстени на средината на глуждот. Јазикот на чевлите излегувал извиено (сл. 7). По 1690 година овој завиен дел станува црвен. Во црвена боја, а поради каприцот на владетелот, биле потпетиците, конотирани како симбол на благородништ̀вото.

Усовршувањето на техниките за изработка на перики околу 1660 година, ќе придонесе за ширењето на нивната мода. Најраспространетата форма била онаа со карактеристичните кадрици што паѓале на грбот и градите. Високи и бипартитни на почетокот, периките во подоцнежниот период добиваат поодмерена форма. Снопот од влакна бил поделен на три

дела, а во историјата на костимите овие перики ќе бидат запаметени со терминот бинети (binnetes), според името на познатиот фризер Бине[6]. Поради ваквиот развој на периките, шапките се повеќе го губат своето значење. Во периодот меѓу 1660 и 1675 волуменот на шапките се намалува, а нивна главна карактеристика стануваат двата големи пердуви, што ја надополнувале скапоцената облека, но ги затскривале шапките.

Од 1680 кадриците во горниот дел на периките се смалуваат. Овој процес ќе придонесе за постепеното воведување на еден нов тип на шапка – тророгата шапка.

Слика 7: Чевли од третиот период на Владеењето на Луј XIV



Во периодот на стабилизацијата на оваа шапка, нејзините рабови најнапред биле украсувани со декоративни ленти, а подоцна и со пердуви (Giorgetti C. et al. 1994, 19).

Луј XIV умира утрото на први септември, 1715 година. Со него ќе умре и светот на највисоката рафинираност, бескрајните карусели на големо богатство и суетата на еден човек што се доживувал како крал на сонцето.

2. Луцидноста наспроти законот

2.1. Француската револуција

Традиционално, почетокот на Француската револуција се врзува за 14 јули 1789 година, денот кога бунтовниците го освојуваат озлогласениот затвор Бастиља. Утрото на 15 јули, кралот Луј XVI без придружба доаѓа до асамблеата, а на 17 јули ја прифаќа тробојната кокада. На 13 август 1792 година Луј XVI е

[6] *M. Binet*

официјално уапсен, а на 21 септември, Националната асамблеа ја прогласува Франција за република и ја укинува монархијата. Следната година кралот е суспендиран од своите функции и осуден на смрт. На 21 јануари 1793, граѓанинот Луј Капет, некогашниот Луј XVI, е гиљотиниран пред насобраната толпа на плоштадот на Револуцијата (Andress D. 2006, 147).

Тоа е почеток на еден болен период, исполнет со терор и крв (Giorgetti C. 1997, 248).

2.2. Мускадани и енкројабли (*muscadins* и *incroyables*)

Костимот ќе биде една од најочигледните манифестации на општеството, што се трудело да создаде нови амблеми на големите промени.

Во првите постреволуционерни години во Париз и другите француски градови можеле да бидат забележани типовите на облека поврзани за стариот режим, но и оние со јак револуционерен печат. Кокадата, фригиската берета, кармањолата, фризурата „како Титус“ (à la Titus) биле дел од елементите на изгледот на патриотите.

По периодот на теророт била забележана тенденција, дел од француското општество трауматизирано и изморено од крвопролевањето, да се изрази преку нови типови на забава и облека. Се организираат „балови на жртвите“ се говори за т.н. контрареволуционерната фризура (toupet à la contre-revolutionnaire), а актуелните стилови во облекувањето почнуваат да се реинтерпретираат на екстравагантни начини (Schechter R. 1998, 78-79). Знак на елеганцијата ќе стане простудираниот несмасен изглед на облеката, проследен со навидум неисчешланите коси (Giorgetti C. 1997, 248-249).

Првите протагонисти на овој начин на облекување ќе бидат т.н. мускадани (muscadins), противниците на револуцијата и извршители на т.н. бел терор (Soboul A. 1980, 2). За да го шокираат граѓанството, тие ќе ја усвојат англиската мода. Нивните „палта“ биле со двојно закопчување, со ниска црна или пурпурна јака и тесни ракави.

Најекстремните мускадани носеле зелени или кафени рединготи со осумнаесет копчиња и тесни кулоти (панталони).

Косата им била долга и напудрена, со долги бакенбарди, како контраст на кратките фризури на санкулотите.

Највпечатливите додатоци на мускадените биле бастуните и големите монокли.

Духовните синови на мускадените се т.н. енкројабли (incroyables), карикатуралните интерпретатори на фракот и краватите (сл. 8). Овие млади

вљубеници во англоманијата ќе користат пренагласени цитати преземени од англискиот машки костим. Муслинската кравата била толку висока што понекогаш им ги покривала усните. Фракот што изгледал како намерно лошо скроен, за да стои несмасно на телото, имал високи раменици, широки ревери и задна опашка, честопати долга до земјата. Предниот дел на фракот не го покривал торзото целосно. Вообичаената боја за овој тип облека била сината, контрастна на жолтите панталони со висока половина. Овие панталони биле слични на старите кулоти, но нивната должина била под колениците, завршувајќи, доколку не биле носени чевли, во високи хусарски чизми.

Косата на оваа група млади луѓе изгледала нестокмено, со долги странични и задни прамени.

Т.н. енкројабли употребувале два типа шапки: дворогата (bicorne) и цилиндричната шапка. Втората била декорирана со украсна тока и е предвесник на подоцнежниот цилиндар.

Припадниците на овој дел на француското општество имале изградено посебен начин на живеење, дури го имале променето начинот на изговарање на одредени зборови. Скалиштето на Пале Ројал било омилено

Слика 8: Енкројабли, Жан-Луј Дарси, според Карл Верне, 1796



Извор: http://www.blastmilk.com/decollete/revolutionary-fashion/incroyables-et-merveilleus.php

место за средби со нивните женски еквиваленти – т.н. мервејуз (les merveilleuses).

Дистинкцијата била нивното победоносно оружје. Со нив започнува еден нов вид екстраваганција. Не станува збор повеќе за екстраваганцијата

на официјалната мода, резервирана за мала група на моќници и екстраваганција заштитена со законот. Се работи за начин на комуникација со визуелни средства, еден вид на протест со нагласена иронија.

На тој начин „неверојатните“[7] се предвесници на дендизмот.

3. Индивидуалната екстраваганција на дендиевците

Бодлер гледа во дендиевецот пример на една нова, духовна аристократија, што се претставува на сцената, не толку со решителноста на еден вид во подем, колку со гордоста на еден вид во исчезнување (Butazzi G. & Molfino A. M. 1992, 9).

Почетокот на феноменот наречен дендизам може да се идентификува со Џорџ Брајан Брамел, познат како Бо Брамел[8]. Роден е во 1778 година, а за неговиот успех од пресудно значење е средбата со принцот од Велс[9], дваесетина години подоцна. Ексклузивноста на благородништвото ги направи непопуларни типовите на облека врзани за оваа класа. Џорџ ќе понуди нов модел на елеганција, со едноставни форми, слични на граѓанската облека, но конструирани со помош на елитистички средства и затоа во совршен дослух со аристократскиот вкус. Облеката на Брамел ќе стави нагласка на дистинкцијата, квалитет непознат на граѓанството. Неговата вообичаена комбинација се состоела од: синиот фрак и кремавите панталони вметнати во црните чизми со потенцирани рабови во природната боја на кожата. Околу вратот ја врзувал белата, штиркана кравата (Giorgetti C. & Colarullo E. 1994, 63).

Брамел го достигнува врвот на умешноста, што својата основа ја има во природниот изглед. Во епохата кога општеството не оставало многу време за разубавување на мажот, дендиевецот жртвувал часови посветени на својот изглед, не оставајќи ништо на случајот. Брамел ги посетувал највисоките општествени кругови на Лондон и ќе стане суров судија на вкусот, вистински арбитер на елеганцијата.[10]

За ноќните пригоди тој ќе создаде нова комбинацицијa, составена од: синиот фрак, црните панталони долги до глуждовите, чорапите на риги и ниските чевли за танцување, без потпетици. Ракавиците биле изработувани од три различни групи занаетчии: едни за делот на шаката, други за прстите и трети за палецот.

[7] *incroyables*
[8] *George Bryan Brummell (Beau Brummell), 1778 -1840*
[9] Се однесува на идниот крал Џорџ IV *(George IV, the king of Hanover and the United Kingdom of Great Britain and Ireland, 1762 1830)*
[10] *arbiter elegantiarum*

Неговото име ќе стане легенда, а кога ќе падне во немилост кај регентот, уништен од долговите, ќе побегне во Франција. Таму умира во крајна сиромаштија.

За време на својот живот, Брамел ќе создаде модел на облекување што се спротивставувал на моделот на Лорд Бајрон[11], кој страствено носел ориентални облеки.

Бајрон во англиското општество ќе стане познат не само по својата поезија, туку и по скандалите, што ќе го натераат, еден месец по Брамел, во април 1816 година, да ја напушти Англија. Настрана од предадеността на сензуалните задоволста во семејството, над неговиот „паднат ангел" висела осомничеността за педерастија.

Суетата, радикалниот нарцизам и хомосексуалноста се елементите што честопати ја следат личноста на дендиевецот.

Во текот на XIX-от век, започнува да се создава јасната дистинкција меѓу богатите дендиевци што припаѓаат на благородништвото и високата буржоазија и новиот, ителектуален тип, што се истакнува со квалитетите како интелигенцијата, образованието и вкусот и што живее „надвор од кастите".

Еден друг тип на денди, оној со егзистенцијални мисли, се манифестира во романот Наспроти[12] на Уисманс. Авторот опишува дендиевец инспириран од Робер де Монтескју-Фезонсак[13] (сл. 9). Благородниот естет, облечен во бело, претпочитал на местото на краватата да постави букет од темјанушки, чекорејќи со бастун декориран со порцеланско јаболко.

Слика 9: Џовани Болдини, Портрет на Робер де Монтескју-Фезонсак



Извор: http://upload.wikimedia.org/wikipedia/commons/1/10/Montesquiou%2C_Robert_de_-_Boldini.jpg

[11] *George Gordon Byron, 6th Baron Byron, 1788-1824*
[12] *À rebours, Joris-Karl Huysmans (1848-1907)*
[13] *Robert de Montesquiou-Fezensac, 1855-1921*

Оскар Вајлд[14] бил вистински наследник на дендизмот со неговиот животен стил и начин на облекување. Ги користел кадифето и ткаенините со квадратни мотиви, живите бои, како јаболковото зелено. И додека најголемиот дел од општеството ги имало прифатено долгите панталони, тој се' уште ги употебувал кусите, слични на кулотите. Неговата куќа, декорирана од Вистлер[15] и дизајнирана од Годвин[16], била украсена со кинески порцелан (Gere C.& Hoskins L. 2000). И тој, како и Брамел, ќе го заврши животот дискредитиран од современиците и прогонуван од доверителите, но сепак, засекогаш ќе си ја обезбеди позицијата во светот на современите митови.

Чувствувајќи ја тежината на епохата, што на прв поглед не успевала да продуцира развој на нови животни модели, во првите децении на XX-от век, забележлива е зголемента тенденција на самоубиства во редовите на дендиевците. Тие сакале, барем на ваков екстремен начин, да го замрзнат течењето на времето и минливоста на физичката убавина (Giorgetti C. & Colarullo E. 1994, 64).

Екстравагантноста во случајот на дендиевците била поврзана со личности со јака индивидуалност. Во историскиот момент во кој машката облека била стабилизирана во однос на својата ригидна форма и неутрални бои и во кој моралните канони биле крути, а честопати и против човечката природа, дендиевците со начинот на облекување и живеење воопшто, придонеле за создавањето на една покреативна, антикомформистичка и конечно поиндивидуална слика за мажот.

4. Заклучок

Екстраваганцијата меѓу XVII-от и XIX-от век се движела од изразни форми утврдени со законот и дворската етикета, до форми на протест и конечно желбата за креативно изразување на индивидуалноста. Врвот на елитистичката екстраваганција, достигнат за време на владеењето на Луј XIV, во својата крајност ќе биде заменет со ексцентричност ослободена од класната припадност.

Во XX-от век, промените предизвикани од големите светски конфликти, облиците на контрамодата продуцирани од бурната декада на шеесетите години, хипи движењето, рокот, а подоцна и панкот, феноменот на геј движењето итн, придонесоа за промена на стреотипите за мажот и неговата облека.

[14] *Oscar Fingal O'Flahertie Wills Wilde, 1854-1900*
[15] *James Abbott McNeill Whistler, 1834-1903*
[16] *Edward William Godwin, 1833-1886*

Екстрвагантноста во новонастанатите околности можеби не е повеќе најадекватниот термин за да се објаснат промените што настануваат на ова поле, иако постојаните неоконзервативни притисоци не оставаат простор за целосно надминување на неговата употреба.

Позитивистичкиот дух од крајот на минатиот век, рефлектиран во модната понуда за мажи, навестуваше дека трансгресијата и пред се' либерализацијата се термини што ја објаснуваат борбата што ја води современиот маж за себе-изразување на креативен начин. Ова поглавје на развојот на машката мода би можело да биде тема на нов стручен труд.

Conclusion

The development of the eccentric types of men's costumes between XVII and XIX centuries is characterized by the emergence of the clothing forms regulated by the lows and court etiquette (period of Louis XIV), forms of protest (*muscadins* and *incroyables*) and finally desire to express the individuality in a refined manner (dandies). The pick of elite extravagance was reached during the period of the French king Louis XIV. With the development of the "intellectual" dandyism, during the XIX century, the elite forms of male eccentricity were replaced by those untied by the boundaries of the certain class.

The XX century social, cultural, politic and economic changes provoked by the great World conflicts, the diverse forms of anti-fashion initiated in the 1960's, hippy movement, rock culture and later punk, the gay movement phenomenon etc have contributed for the alteration of the stereotyped image of man and its clothing.

The extravagancy in these circumstances may not be the most adequate term to describe the changes in the filed of men's clothing, though the persistent neoconservative pressures, do not leave the space for the complete elimination of its usage.

The positivistic spirit of the late XX century, reflected on the men's fashion proposals, has suggested that the transgression and above all the liberalization might have been the terms to explain the struggle of the modern man for its self-expression in a creative way. This chapter of the development of the men's fashion could be a subject for some future paper.


Литература

1. Andress, D.: *The Terror.* Abacus. 2006.
2. Antoine, M.: *Louis XV*. Paris: Hachette Litteratures. 1997.
3. Bradley, C. G.: *Western World Costume: An Outline History*. New York: Dover Publications Inc. 2001
4. Boucher, F.: *A History of Costume in the West*. London: Thames and Hidson Ltd. 1997
5. Butazzi G. & Molfino A. M., a cura di. *Virilità e trasgressione*. Novara: Instituto Geografico De Agostini. 1992
6. Dunlop, I.: *Louis XIV*. London: Pimlico. 2001.
7. Gere C.& Hoskins L.: *The house beautiful: Oscar Wilde and the aesthetic interior.* London: Lund Humphries Publishers Ltd. 2000
8. Giorgetti, C.: *Manuale di Storia del Costume e della Moda*. Firenze: Cantini & C. 1997.
9. Giorgetti C. & Colarullo E.: *Moda maschile dal 1600 al 1980*. Firenze: Octavo Franco Cantini S.r.l. 1994
10. Soboul, A.: *The sans-culottes: the popular movement and revolutionary government, 1793-1794*. Princeton, New Jersey: Princeton University Press edition. 1980.
11. *Opšta Enciklopedija Larousse, 3 tom*. Beograd: Vuk Karadžić. 1973.
12. Schechter, R.: *Gothic Thermidor: The Bals des victimes, the Fantastic, and the Production of Historical Knowledge in Post-Terror France*, Representations, No. 61. Special Issue: Practices of Enlightenment. University of California Press. Winter, 1998

391.2(497.75/.78)

Доц. м-р **Јана МАНЕВА - ЧУПОСКА**

„МИЈАЧКАТА ЖЕНСКА НОСИЈА – ПРЕДИЗВИК ЗА СОЗДАВАЊЕ НА СОВРЕМЕНА МОДНА ОБЛЕКА“



Мијачка женска народна носија

Апстракт

Мијачкиот македонски етникум во споредба со другите македонски племиња се карактеризира со посебност во јазикот, живеалиштата, обичаите и носиите и како таков нуди широко поле за научно истражување. Мијачката носија е како некој вид порака која патувала низ времето, испратена до нас од ова древно македонско племе кое ги населувало западните краеви од денешна Македонија.

Женската мијачка носија со своите естетско-структурални особености претставува најпровокативна уметничка форма која може да се редизајнира и да се насочи кон современиот моден дизајн.

Во ваков контекст на мешање помеѓу фолклорот и применетата уметност се создава една нова форма која во себе ги содржи принципите карактеристични за народната уметност и принципите на дизајнирање во модниот дизајн. Тие принципи се процес на продлабочено истражување во фолклорот, на тој недоволно истражен простор, кој за модните дизајнери нуди можност за создавање на редизајнирана облека врз ваква архаична инспиративна подлога.

Женската народна мијачка носија во себе ги содржи повеќето ликовно-дизајнерски елементи, започнувајќи со: боја, форма, текстура, примена на апликативни материјали, додатоци, како специфичен детал во носиите, различни стилизирани орнаменти, вез, ткаенини. Како таква таа е произлезена од едно историско минато време, но може да го оправда своето постоење и во современиот моден дизајн.

Клучни зборови: *Редизајн процес на дизајнирање и трансформација од историска во современа форма, фолклор, дизајн и мода, мода и фолклор, женски мијачки народни носии.*



Семејство Станкоски (Кланкоски),
Лазарополе, 1934 г.

Вовед

Македонското население што го населува просторот во Западна Македонија по течението на реката Радика и нејзините притоки се нарекува Мијаци. Мијаците го населуваат делот од Западна Македонија познат како Река.

Мијачката носија на најтемелен начин ја отсликува и претставува мијачката култура и разликата од останатите македонски племиња. Таа пред сè е прилагодена на климатските услови кои доминираат во ридско-планинските предели на Мијачијата, каде дури и во јулските и августовските горештини спиењето не е пријатно без топлите волнени т.н. „ложници“ и јамболии, кои исто како и носиите се изработени од мијачката жена која била надарена ткајачка.

Сегментот на рачната изработка на мијачките носии претставува и еден од најсложените дизајнерски процеси на создавање на ваква облека . Споредбено и изразено со јазикот на денешната мода таа би спаѓала во „високата мода“ бидејќи таа се создава рачно и во одреден, лимитиран број на производство.

Погледнато од историски аспект, носијата за сите возрасти и полови има свои разлики, како во поглед на формата, така и во употребата на обемот и квалитетот на материјалот од кој се шие.



Мијачко знаме

Убавината на изработката на носиите се оценувала според различниот начин и квалитет на ткаење, при што се употребувале волна и ленено платно, а за останатите делови од носиите се додавале и додатни украсни предмети и везени делови кои мијачката носија ја прават посебна и многу значајна, заради нејзината во целина рачна изработка.

Од многубројните мијачки обичаи, мијачката свадба претставува една од најзначајните етнолошки манифестации на македонскиот национален фолклор. Ваквиот фолклорен епитет се должи на мијачката посветеност на свадбата, која ги вклучува и сите подготовки за нејзина целосна реализација. Терзиите, овие носии ги работеле и по неколку недели, додека самите девојки исто така станувале секој ден во раната утрина за да ги везат и ткајат своите невестински ракави и елеци.

Изразено со современ моден јазик потребата за „модните додатоци“ се гледа во украсувањето на носиите, посебно во женската народна мијачка носија. Посебни украси како составни делови на женската носија се „пафтите“ и „низалките“, кои, повторно според имотната состојба, можеле да бидат од обични метални пари, но и со сребрени или златни монети од најразлично потекло.



„Пафта“,
детал од мијачка женска носија

Анализа на проблематиката

Гледано од современ аспект, за многумина современи македонски модни дизајнери мијачката народна носија преставува поле за истражување, на кое со употреба на современите модни системи и принципи се создадоа колекции и уникатни модели со фолклорни мијачки мотиви. Модата и фолклорот многу често како современа естетска категорија се применуваат во повеќе форми: колекција, модни додатоци и накит, дизајн на обувки, но и како цртеж или модна илустрација, докажувајќи на тој начин дека принципот на истражување во фолклорот може да биде еден од начините за анализа која помага во создавањето на различните современи модни форми.

Дизајнерските идеи, концепти, мисли и емоции секогаш се голем предизвик за создавање на посебен креативен идентитет, како една од важните карактеристики во дизајнот. При анализата на народните костуми се користи комбинација на дел од ликовните принципи и елементи, преку чие меѓусебно поврзување се создава народниот костум, кој притоа служи и како инспирација за една современа модна колеција.



Мијачки жени од Галичник, 1959 г.

МИЈАЧКА ЖЕНСКА НОСИЈА


Носијата е преполна со сложени форми и бои, квалитетни ткаенини, како што се волна и лен, платна и клашни, разни везови. Главната функција на носиите е да се забележи мијачката автентичност и идентитет, што е особено нагласено од вродената уметност која ја создавале мијачките жени, внесени во сопствените внатрешни чувства.

Прочуениот српски етнолог Јован Цвиић, кој на почетокот на минатиот век го посетил Мијачкиот крај, одлично ги запознал Мијаците. Тој во својата докторска дисертација ќе истакне: „Во целина земено, ваква убава носија нема ниту еден крај на Балканскиот полуостров. Таа е карактеристична мијачка носија која Мијаците ја зачувале дури и кога се отселувале во другите краеви на Македонија, како што се: Крушево и Смилево-Битолско, Ехловец – сега Кичевско, Ореше и Папрадиште – Велешко и други места“.

Постапката на создавање на женската мијачка носија нуди и провоцира и друга анализа, а тоа е феноменот на дизајнирање од страна на тогашните мијачки жени. Тие носиите ги декорирале спонтано определувајќи се за форми, декорации, ткаенини и везови, според нивната креативна интуиција. Притоа тие

немале никаква претходна едукативна подготовка. Токму поради овој факт зачудувачки е истакнатиот природен дар кој овие мијачки жени го поседувале.

Секое девојче уште од своето детство имало задача да започне со подготовка на изработка на својот „чеиз“ за невеста, притоа создавајќи: мутавчиња, клашни, плетки, шари, геометриски линии и форми, триаголници, многуаголници, зачудувачка хармонија од сложени композициски везови. Притоа овие девојчиња покажувале и исклучителен природен дар за употреба на ликовно-дизајнерските елементи.



Мијачка женска носија
од Лазарополе, 1968 г.

ЕЛЕМЕНТИ НА МИЈАЧКАТА ЖЕНСКА НОСИЈА


Поради фактот дека Мијаците практикувале повеќе различни облекувања според пригодата, се забележува и посебноста на носиите како естетска форма создадена според возраста и пригодата. Мијаците како многу вредни и скромни луѓе не биле секогаш празнично облечени бидејќи во празничните носии било незамисливо да се работат секојдневните обврски

кои ги извршувале. Затоа тие познаваат и создаваат неколку видови на носии, односно начини на облекување.

Секојдневните носии биле многу скромни, но и практични, со скромни везови и различен по квалитет материјал, додека празничните носии биле многу побогати. Потоа, постоеле и носии за различна возраст: моминѕки женски носии и ергенски машки носии, кои се носеле пред свршувањето. На ваков начин, со начинот на облекување се потенцирала положбата и статусот на Мијаците во нивните заедници, т.е. дали тие биле верени, мажени и женети.

Женската мијачка носија кај Мијаците е важен елемент на нивната материјална и духовна култура. Убавината на оваа носија се состои од конгломератот на повеќе праисториски форми и архаични елементи на многу старата култура на овие простори, како во однос на технологијата на ткаењето, везењето и орнаментиката, така и во односн на терминологијата на одредени посебни делови од облеката, заедно со другите апликативни додатоци на носијата.

Женската мијачка носија се состои од „кошула“ од ленено бело ткаено платно, со раскошни везови на долниот дел од ракавот или „рокави“, според мијачкиот дијалект, во „алова“, т.е. црвена боја. На градите кошулата има вез од двете страни наречен „пафти“. Над кошулата се носи „ елече“ извезено со срмен гајтан и срма, при што од двете страни има сребрени или златни „петлици“ изработени од кујунции.



„Игленица“,
детал од мијачка женска носија

Над елечето се облекува „минтан“ со долги ракави при што на крајот ракавот е повторно навезен. Во однос на употребата на материјалите „минтанот“ во предниот дел е изработен од кадифе навезено со срмен златен конец. Овој вез се нарекува „свитки“. Задниот дел е изработен од волнено платно. Ракавите на „минатанот“ се шарени, т.е. „алажа“. Минтанот се запетлува со „јамка“ од „гајтан“.

„Клашеник“ е надворешна волнена облека, изработена од бели волнени „клашни“, долга до потколеници. „Клашеникот“ што го носат невестите има тесни, куси „фалшиви ракави“, кои се стават во појасот и се нарекуваат „ракавници“. На градите се везело со срма, а се запетлувало со златни или сребрени петлици.



„Пафта со сребрени пари“,
детал од мијачка женска носија

„Кожувчето“ е од јагнешка кожа која во процесот на изработка прво била „штавена“, па потоа кроена за подобра носливост. Должината на „кожувчето“ била до потколеници при што на кревите било опшиено со црн конец и црна јагнешка кожа.

Шамијата за забрадување на главата или т.н. „калемќар“, била едноставно ликовно решена со едноставни форми и игра на две бои: црвена и црна, без декорации и посебни шари.

„Појасот“ бил ткаен со тенок волнен конец каде доминира црвената боја при што на крајот се појавуваат подолги црвени реси, т.н. „киски“.

Моминската носија се разликувала од невестинската женска носија, но се разликувала и од носијата која мијачката жена ја носела како мажена. Девојките носеле „клашеници“ со куси ракави, подоцна „клашеникот“ се заменува со „бела долама“ која се изработувала од тенка црвена „клашна“.

На главата девојките носеле и „кече“. Преку „кечето“ врзувале „калемќар“ со истакнати шари. „Калемќарот“ во моминската носија била обоен со светло црвена боја, додека кај повозрасната мијачка жена бил со темно-црвена боја. Кога мијачката жена била во жалост таа „калемќарот“ го заменувала со „црн калемќар“. Покрај „доламата“ во моминската носија среќаваме и кошула која немала ракави.

Во невестинската носија се издвојуваат „елечето“ и „минтанот“ кои во делот на градите биле најмногу декорирани, односно извезени со срмен конец, а се запетлувале или закопчувале со срмени или златни „петлици“, изработувани од кујунџии или „ковенџии“, според мијачкиот дијалектен говор.

Биле обуени со високи или ниски чевли во зависност од пригодата, односно дали се работело за секојдневна пригода или пак празнична.



Женско оро, Лазарополе, 1955 г.

ТРАНСФОРМАЦИИ НА ЖЕНСКАТА МИЈАЧКА НОСИЈА

Женската мијачка носија низ времето се трансформирала. Биле додавани или напуштани одредени детали. Најевидентна трансформација во женската носија е забележана со губењето на т.н. „крстатлии опинци“, кои биле изработувани од свинска кожа и додавањето на чевлите. Преку влијанието на градската мода и во селата чевлите станале дел од севкупниот изглед на мијачката женска носија.

Сè повеќе се напуштале и „кожувчето“ и „везените“, односно волнените чорапи кои се заменувале со најлонски или свилени чорапи. Во невестинската носија сепак сè уште егзистира „дулакот“, со кој невестата ожалостена го напушта домот на своите родители и стапнува во домот на младоже-

нецот. Овој архаичен остаток се споредува и со невестинското девојчинско име кое подоцна се губи бидејќи во Мијачкиот крај девојчинското име се заменува со името на сопругот**.**



Мијачка женска носија
од Галичник, 1959 г.

УПОТРЕБА НА ЛИКОВНИ ПРИНЦИПИ ВО МИЈАЧКАТА ЖЕНСКА НОСИЈА - БОЈА

Употребата на боите како основен ликовен елемент во женската мијачка носија претставува многу важен визуелен сегмент. Боите кои се применуваат во мијачките носии имаат големо симболично значење. Доминираат црвената и белата боја, кои според ликовната теорија се две дијаметрално различни бои од спектарот на бои, топла и студена. Црвената боја доминира во женската носија, додека белата и црната боја се најприсутни во машката носија.

Црвената боја спаѓа во спектарот на сончевите и топли бои. Таа е основна боја и комплементарна со другите бои, додека белата и црната се монохромни бои кои одлично се совпаѓаат во одредена форма со топлите

бои. Тие го примаат силното влијание од црвената, жолтата, сината и зелената боја, кои се карактеристични за мијачката женска носија.

Жолтата боја е симбол за топла и сончева земја, слично како и црвената боја, која е боја со големо симболично значење. Во себе содржи светлина и дава декоративен контраст истакнувајќи ги на тој начин сите детали и орнаменти во самата носија.

Според ваквиот избор на компонирање на боите повторно се потенцира силно развиеното природно чувство кај Мијаците за форма и боја, посебно кај мијачката жена која најчесто била задолжена самата да ги создава овие преубави креации од форми и бои, кои целосно задоволуваат високи естетски дизајнерски стандарди. Мијачките жени ги одбирале боите според сопствените креативни видувања и чувства, процес може да се спореди со современиот процес на работа на денешните дизајнери кои своите модели ги работат на истиот начин, според овие претходно набројани карактеристики, т.е. чувство за форма и боја.



Мијачка свадба ,
Лазарополе, 1955 г.

МИЈАЧКАТА ЖЕНСКА НОСИЈА - ПРЕДИЗВИК ЗА СОЗДАВАЊЕ НА СОВРЕМЕНА МОДНА КОЛЕКЦИЈА

Знаејќи го фактот дека современиот моден дизајнер во првичната форма на истражување, темата или инспирацијата за колекција ги бара во историските, социолошките, културните и фолклорните анализи, колекцијата како единствена презентативна креативна форма претставува креативно поле каде модниот дизајнер ги покажува своите креативни модни потенцијали. Во

овој процес на одбирање на тема многу често фолклорот бил главна тема за размислување и анализа. Тој бил позајмен, осовремен, односно редизајниран или трансформиран во една интересен современ моден израз.



Мијачка женска носија,
Лазарополе, 1952 г.

Повеќе модни дизајнери се обиделе на теренот наречен „редизајн на женска народна носија во современа форма“. Со повеќе успешни, а понекогаш и неуспешни примери, македонските дизајнери се обидувале да ги наметнат својата идеја и концепт нудејќи различни форми, уникатни решенија и колекции.

Марјан Пејовски, кој живее и работи во Лондон, веќе подолг период се инспирира од македонскиот фолклор кој го преточува во одлични современи модни форми специфични за неговиот стил и креативен идентитет. Тој најави изложба на модели инспирирани од македонскиот фолклор, меѓу кои ќе се видат и модели директно инспирирани од мијачката женска народна носија.

Лидија Георгиева, македонски моден дизајнер кој живее и работи во Париз, во своите колекции како мотив ги применува техниките на рачно плетење и ткаење, повторно инспирирана од македонскиот фолклор.

Во овој контекст би го истакнала и сопствениот придонес во современата македонска модна сцена. Имено, и јас, Јана Манева – Чупоска, исто така имам изработено неколку уникатни модели инспирирани од македонскиот фолклор, посебно од мијачката женска народна носија преточена во современ моден дизајн.

Секако, редизајнот и модниот медиум, при процесот на транспозиција, т.е. пренесување и дизајнирање на моделите, не препознаваат наративна и буквално пренесена форма. Инспирацијата понекогаш може да биде речиси непрепознатлива како визуелна форма на материјалот, но секогаш забележлива преку јасната порака која модниот дизајнер ја испраќа низ своите колекции.



Редизајн на мијачка женска носија, 2001 г.,
дизајнер: Јана Манева – Чупоска

МАКЕДОНСКАТА ТЕКСТИЛНА ИНДУСТРИЈА - МЕСТО И ПРЕДИЗВИК ЗА МОДНИТЕ ДИЗАЈНЕРИ

Македонската текстилна индустрија претставува единствен систем на умножување каде дизајнерскиот модел се подготвува како индустриски производ. Како значаен сегмент за реализација на дизајнерските креативни способности текстилната индустрија нуди можности за зголемено и брзо производство на поголем број на дизајнирани парчиња облека приближувајќи се на тој начин до масовната потрошувачка, за разлика од уникатното дизајнирање, каде процесот на создавање на облека се ограничува на максимум пет (5) уникатни парчиња облека.

Текстилната индустрија нуди можност колекциите со нагласен фолклористички дизајнерски акцент да бидат произведени во многу поголем обем. На ваков начин осовременетиот фолклорен дизајн полесно ќе допре до потрошувачите, сè со цел да се забележи македонскиот дизајнерски капацитет, истовремено потсетувајќи и на нашата историја и фолклор, како национално обележје и културно богатство. Токму со ваква цел дизајнерот во текстилната индустрија ги преточува своите инспирации од мијачката носија, прилагодувајќи се на македонскиот пазар.

Текстилната фабрика „Тетекс“ од Тетово долги години наназад го негува овој начин на соработка со дизајнерите. Тие, освен колекциите наменети за пазарот во Македонија, но и надвор од Македонија, изработуваат и други дизајнерски форми како што се ткаени килими и ткаени постелнини од волна, кои според начинот на ткаење се слични со мијачката народна носија. Нагласениот квалитет на производите на „Тетекс“, со



Редизајн на мијачка женска носија, 2001 г.,
дизајнер: Јана Манева – Чупоска

нивните дизајнирани конфекциски и трикотажни линии, ќебиња и ткаенини со мотиви од македонскиот фолклор, го потврдуваат фактот дека народната традиција може да биде тема и инспирација за дизајнерски производи кои ќе бидат вклопени во масовната потрошувачка.

Како впечатлива текстилна фабрика, копајќи по сопствените корени и традиции, „Тетекс“ својата препознатливост ја гради со сопствените производи, кои стануваат сè повеќе забележани и респектирани.

Заклучок

Акцентот на овој презентиран труд е да се нагласи симбиозата во еден креативен простор помеѓу македонскиот фолклор, поточно мијачката женска народна носија и современиот моден дизајн.

Аналитички споредено може да се заклучи дека фолклорот нуди големо богатство, но, за жал, не е доволно истражен од македонските модни дизајнери. Тој од една страна го нуди севкупното свое богатство од форми, орнаменти, ткаенини, везови и апликативни решенија, но од друга страна, улогата на современиот моден дизајнер не е да ја копира ваквата форма, туку повторно да создаде сопствена линија инспирирана од народната уметност.

Транспозицијата на фолклорните мотиви во моден дискурс претставува сериозен моден концепт каде треба да важат повеќе правила низ кои се применува процесот на „редизајн“: ненагласување и неприменување на буквална фолклорна нарација, затоа што тоа понекогаш може да донесе до нецелосно истражени модни облици, при што дизајнот добива невкусна и лажна форма, т.н. „кич форма“, која на прв поглед може да изгледа убаво, но во себе ја нема длабоката дизајнерска димензија; потоа „редизајн“ може да се применува и со обработка на само еден детал од народната носија, кој ќе послужи за создавање на новата современ парче облека.

Женската мијачка носија ја одбележи својата улога во одредена временска историска епоха, додека задачата на денешниот моден дизајнер е да го бележи сопственото време во кое живее, притоа не заборавајќи да се потсети и на изминатите времиња и на сопствената културна традиција, која може да му послужи како инспирација во неговото творештво. А, мијачката женска народна носија секако претставува еден од бисерите на македонската културна ризница.



Мијачко женско оро



Машка и женска мијачка носија,
Лазарополе, 1955 г.

Conclusion

The emphasis of this presented work is to point out the symbiosis in a creative space among the Macedonian Folklore, i.e. the national costume for women from the area of **Mijachki region** and the modern fashion design.

If one makes an analytical comparison one can come to the conclusion that The Folklore offers a huge richness, but unfortunately, the Macedonian fashion designers have not done a lot of research on this area. It offers an overall richness of forms, decorations, materials, designs and other applicative solutions. On the other hand the role of the fashion designer is not to copy this form, but to recreate his/her own line inspired by the national art.

Transposition of the folklore motives in a fashion discourse is a serious fashion concept where more rules through which the process of "redesign" should be applied: Not emphasizing and not applying the literal folklore narration, because this can sometimes lead to incomplete fashion designs that are not studied enough, and in such cases the design has not nice and false form, i.e "artiness", which at first glance can look nice, but it does not have the deep designers' form deep inside; then "redesign" can be applied also by elaboration of only one piece from the national costume, which will later serve for production of a new modern piece of clothing.

The women costumes from the area of **Mijachk**i region has marked its role in a specific time period in the history, whereas the task of today's fashion designer is to mark the time in which he/she lives, and with this he/she recalls the past times and his/her own cultural tradition, which can serve as an inspiration in his/her creation. And the women national costumes from area of **Mijachki** region is really a pearl of the Macedonian cultural inheritance.

Литература

1. Вера Кличкова и Милица Георгиева, „Свадбените обичаи во Галичник - Дебарско", ГлЕМ бр. 2, Скопје, 1965.
2. Васил Икономов, „Старонародни песни и обичаи од Западна Македонија", Институт за фолклор „Марко Цепенков", Скопје, 1988.
3. Галаба Паликрушева, „Тенденции на групно единство кај некои етнички групи во Македонија, МАНУ, Скопје, 1989.
4. Ѓорѓи Здравев, „Македонски народни носии", Матица македонска, Скопје, 1996.
5. Кузман Смилевски – Брадина, „Антологија на Мијачките великани" (том I и том II), НИП „Нова Македонија", Скопје, 1998.
6. Весна Петревска, „Пролетните обичаи, обреди и верувања кај Мијаците", Институт за фолклор „Марко Цепенков", Скопје, 1998.
7. Ѓорѓи Здравев, „Македонски народни носии, ткаеници, везови, плетила, китење и накит", Матица македонска, Скопје, 2005.

8. Андреја Китевски, „Македонскиот фолклор - основа за проектирање современа облека“, Камелеон, Скопје, 2008.
9. Мелетије Брковски - Мијак, „Мијаци – приказна од западната страна“, Здружение „Галичник“, Скопје, 2009.

676.2-027.33(100)

Ass. prof. **Igor SEKOVSKI**, MA

PAPER RECYCLING AND ITS IMPLEMENTATION IN THE WORLD

Abstract

The aim of this review is raising the awareness about the necessity for paper recycling in the world. The paper industry is one of the biggest polluters in the world and has big part in the global warming, because of the deforestation, polluting the water, air, energy consumption, etc. The public awareness about the need for waste paper recycling in Macedonia is not developed. Visual communication design is one of the means of raising consciousness about the possibility of paper recycling. Designers that deal with this subject need to be aware about the history and manufacture of paper and paper recycling process in order to convey the message to the public efficiently. The ecological motto "Think Globally, Act Locally, means that the recycling process should start at our homes and that collecting used paper is an important step toward recycling.

Key words: paper, paper recycling, paper history, pollution, environment

Introduction

History of paper

Papyrus, from which the word paper is derived, is known to have been in use as early as 3000 B.C. Developed in the Nile Valley, it was made of strips cut from the papyrus plant stem, soaked, and laid, first lengthwise, then crosswise, to form a mat. The mat was then pounded and pressed into a thin sheet. Later, similar processes elsewhere used other fibers such as silk.

True papermaking, which began in China about A.D. 105, uses an entirely different process than the preparation of papyrus. It?begins with rags, straw, bark, wood, or other fibrous materials?that are chopped or cut fine. The fibers are pounded or pulped?until they are separated from each other and mixed with water. Then, the fibers are lifted from the water in a sieve-like screen that allows the water to drain away, leaving a thin mat of fibers. The fiber mat, which can be dried in place or removed and?dried separately, becomes a sheet of paper.

The earliest recorded manufacture of paper is credited to one the first "purchasing officers," Ts'ai Lun, head of the Imperial Supply Department of

Emperor Ho of China. Ts'ai Lun experimented?with a variety of materials: vegetable fibers, old hemp, cotton rags, old fishnets, and mulberry bark. The paper produced was cheap and durable and the surface was good and, significantly, it was made of recycled materials.

Early European papers were also made from recycled linen or cotton rag. It was thick and rough, and the surface needed to be "sized" with gelatin or the ink soaked in. Ulman Stromer set up a mechanized papermill in Nuremberg, Germany, in 1390, using water-powered hammers for beating the material, a method already used by the Chinese. The craft accompanied the early settler to America.

True mechanization was not achieved until 1799, when the Frenchman Nicholas Robert built a machine with an endless wire mesh and a pair of squeeze rolls. The device was taken to England and marketed by two stationers, the Fourdrinier brothers. In 1804, Brian Donkin, a millwright-engineer, built the first successful papermaking machine, in Two Waters Mill, Hertfordshire, England, and another in America in 1827. Crude early designs improved?steadily. By the end of the nineteenth century, Fourdrinier technology was widespread; machines just over 2 meters wide supplied 25 metric tons per day to the growing market for newsprint.

Modern machines form paper in a continuous ribbon or web, not a?single sheet at a time as did the ancients. A good papermaker in the olden days could make enough sheets in a day to weigh about?90kg. Today, an average machine makes 90,000 kg per day! Much of the paper produced ultimately ends up as waste paper, mountains of it in some areas, which can often be recycled into other papers and paper products.

Modern Papermaking

Fibers and pulps

Fibers are the fine, thread-like wisps from which paper, textiles, and many other materials are made. Paper fibers are made of cellulose, the basic building material of plants and trees. These materials can be made into paper by pulping (breaking them down until the fibers are loose and free of the substances that bind them), then reforming them while wet and finally drying.

Mechanical Pulp

Mechanical pulps yield the most paper per ton of wood, but are the weakest. They are made by pounding or grinding cellulose fiber, such as wood or sugar cane bagasse. One of the commonest uses of mechanical pulps is in the manufacture of newsprint.

Chemical Pulps

A stronger paper product is most cheaply made by pulping cellulose fibers in such a way that they are not weakened by mechanical damage. The wood or stalks are first reduced mechanically to small chips, then cooked at high pressure with chemicals that attack the bonds between the fibers.

Secondary Pulp

Secondary or recycled pulp is made by vigorously agitating wastepaper in water (usually in a hydro-pulper, a tank containing rotating blades) to separate the fibers bonded during the original papermaking process. As these bonds are weaker than those of the original cellulose plant, hydro-pulping is a more gentle process than primary wood pulping and consumes less energy.

Coated paper. In some cases the matted, absorbent surface of a paper is coated with a material that makes it glossy and smooth. This coated paper is better for printing. Coated papers are frequently used in magazines that are financed by the advertisements printed. In the process of hydro-pulping coated wastepaper, the coating is washed out; thus, the weight of fiber obtained from a ton of coated paper is less, often by 20 percent, than that obtained from a ton of uncoated paper. As a result, the value of scrap coated paper to the paper mill, and its selling price, will be lower.

Printed and Colored Papers. Both printing and tinting reduce the value of papers to be recycled. They make the pulp and the paper made from it dull grey in color unless bleached, which is expensive, or de-inked, which is also expensive. Tinting colors the pulp, which must then either be used for a limited range of similarly colored products (or cheap, grey products), or must be bleached. Therefore, white waste paper is more valuable than similar material that is colored. Unprinted waste paper is of a greater value than the same material printed.

Structure of The Papermaking Industry

A review of the papermaking industry is needed to understand the ways in which waste paper is used. The manufacture and use of paper is one of the world's biggest industries; it takes place in:

1. pulp mills, which process wood chips or other materials to make pulp;

2. paper mills and board mills, which use pulp or waste paper to produce finished paper and board;

3. paper converters, which use paper or board to produce boxes, tubes, rolls of tissue, boxes of blank office paper, stacks of printing paper cut to standard sizes, etc.;

4. printers, who usually buy from converters, although larger firms such as newspaper presses may buy directly from the paper mills; and

5. "integrated" mills, which make pulp and then use it themselves to make paper.

Paper Recycling (General Paper Facts)

Why we have to recycle paper?

What goes into paper?

* 37% Managed regenerated forests that have been logged and then encouraged to grow again by natural means, such as seeding.

* 29% Industrial pulp plantations that produce fast-growing trees such as some pines and eucalyptus.

* 1% Tropical rain forest.

* 1% Original temperate forests (United States, parts of Canada, Australia, New Zealand, Chile, Argentina, Europe and China).

* 15% Original boreal forests (Alaska, Canada, Russia and Scandinavia).

* 17% Unmanaged naturally regenerated forests.

By recycling 1 ton of paper you save:

* 17 trees

* 31467 liters of water

* 2102 liters of oil

* 294 kilos of air pollution

* 3.06 cubic yards of landfill space

* 4077 Kilowatt hours of energy

(Source: Weyerhaeuser Info)

In the manufacturing process of Recycled Paper:

* 74% less air pollution is generated

* 35% less water pollution is generated

* 58% less water is required

* 64% less energy is required

(Source: Institute of Scrap Recycling Industries)

Characteristics of Recycled Paper

Quality - excellent performance, meets the same technical specifications as virgin papers; many are acid-free for archival longevity; successfully runs on the most demanding copiers; office machines and printing presses; many recycled copy papers are guaranteed to work well in copiers

Aesthetic - high to moderate brightness levels, with pleasing light reflection; ranges from clean, bright whites to a wide palette of colors; some recycled graphic papers have specks added back in to the paper to achieve custom design effects

Availability - available in virtually every grade of paper; most printers, paper distributors, and retail outlets have some recycled paper on their shelves; choices are even greater if you order recycled paper ahead of time

Environment - saves trees, energy, water, and landfill space compared to virgin paper; protects forests, watersheds, ecosystems; produces less pollution than virgin paper production; offers environmental savings many times over, since fibers can be recycled repeatedly; needs less bleaching than virgin papers; reduces use of toxic chemicals; concentrates inks, chemicals and other potential hazards for responsible management, instead of releasing them as do land filling and incineration; incorporates full-cycle production costs, unlike virgin paper which includes no responsibility for its eventual disposal costs

The Future - creates strong, ongoing markets for local community recycling collection systems; provides the foundation of an environmentally sustainable paper production system (even when papers are tree-free, chlorine-free or produced through certified sustainable forestry)

Recycling Is Essential For A Healthy Environment

Historically, paper was made by recycling cotton and linen rags. The first paper mill in the U.S. colonies, built near Philadelphia in 1690, was a recycling mill. Papermakers learned how to make paper from trees in the mid-1800s, allowing a dynamic expansion in communications and business paper usage. At the time, people considered forests and energy to be unlimited, and air and water infinitely capable of cleansing and renewal. Today, we recognize the limits of resource demand and the necessity for environmentally sustainable production systems. That's why recycled paper is a critical part of our vision for a healthy global environment.

What Goes Into Recycled Paper?

Paper that is collected for recycling is sorted according to the type of mill that will use it. Most recovered office paper can be sent to a de-inking mill, which separates the ink, coatings and other extra materials from the paper fibers. The fibers are then sent to a paper machine to be made into new paper.

Even virgin paper mills have always recycled their internal scraps and many also have long recycled clean scraps from businesses that convert paper into envelopes, reams and other products. A few printing and writing paper mills have long had the capability to de-ink printers' scraps. Reusing this "pre consumer" material is an economically sensible part of the production process and proves that recycling works.

But the vast majority of paper ends up in people's homes and businesses, where 90% is discarded within a year. This "post consumer" paper is more diverse, with characteristics such as copier toner and a wide variety of adhesives that are not found in pre consumer scraps and are much harder to recycle. Most of this post consumer paper used to be land filled or burned - losing its potential for repeatedly conserving resources by continual recycling.

Now many governments and business purchasers require post consumer content in their recycled papers. Most recycled papers now have some post consumer content. But there is, nevertheless, significant room for increase: more than 90% of the market still goes to virgin paper and even recycled papers could include much higher post consumer percentages.

How Is Recycled Paper Defined?

Legally, recycled paper only has to include materials recovered after the initial paper manufacturing process. But that definition is so loose that in the past some "recycled papers" contained only mill scraps that would have been included in virgin paper anyway. Recycling collection systems focus on post consumer paper, which is most of the scrap paper that needs collection and recycling. So, for practical market development considerations, virtually all recycled paper buyers today specify post consumer content.

Requiring post consumer content develops markets for community recycling collection systems by creating incentives for paper mills to buy their post consumer scrap paper. This, in turn, encourages research and development and mill investments in recycling technology, further strengthening market capacity.

How Are Recycled Papers Labeled?

There is no post consumer content required, so papers containing only mill scraps could qualify. Any paper labeled with the chasing arrows symbol is required to both have 100% recycled content as well as be recyclable in a reasonably available collection system. If the paper does not meet one or both criteria, text must accompany the chasing arrows symbol explaining what qualifications the product does meet. If the label does not indicate postconsumer content, you should assume there is none until investigating further.

What Kinds of Recycled Paper Are Available?

You can get just about every kind of paper now with recycled content, providing high quality papers for businesses, billing, magazines, catalogs, books, advertising, direct mail and many other uses. Grades available include:

* letterhead, stationery and envelopes

* business cards

* brochure papers

* high quality copy paper

* offset

* text and cover

* book printing papers

* opaques

* all grades of coated papers

* bristols, index, translucent, tag and board, drawing, and specialty papers

Aren't Recycled Papers More Expensive?

In the past, recycled papers often cost considerably more than virgin papers. Today, many grades such as text and cover (often used for letterhead, brochures and publications) and some coated papers are cost-competitive with virgin papers or even cost less. Copier and offset papers still tend to cost somewhat more, but the price differentials are smaller than ever, usually only a few percent.

When there are cost differences, they are primarily caused by many recycled papers being made on smaller paper machines than virgin papers (creating a difference in economies of scale), by virgin paper mills dropping their prices because of vagaries in the market, and by imbalances caused by a newly capitalized and still-developing recycling system vs. a well-established and industrially integrated tree-pulping production system. Additionally, recycled paper incorporates all its costs into the product, including providing an alternative to disposal, and is not rewarded for its significantly lower energy and water use. Virgin paper costs, on the other hand, are masked by generous government timber, energy and water subsidies and do not incorporate responsibility or costs for the product's eventual disposal.

Conclusion

Having obtained the above facts and details, the conclusion is that there are clear benefits to paper recycling such as relieving pressure on forest resources and reducing the amount of waste going to landfill. Despite this the product and the process have been criticized. This briefing shows that those arguments put forward against recycling are not sufficiently robust as to discourage recycling. Recycling of paper uses considerably less total energy than the production of virgin paper. However, there is a greater dependency on fossil fuels in recycling processes. Consequently, recycling must be encouraged along side clean energy production from renewable sources such as solar and wind energy. Not only should paper recycling be more actively promoted but this must be carried out in concert with reduction of paper use. Reducing the amount of paper used, through changes such as introducing electronic mail to office systems and printing on both sides of paper, should provide more environmental benefits in terms of reducing resource use, waste production and associated pollutants.

РЕЦИКЛИРАЊЕ НА ХАРТИЈА И НЕЈЗИНАТА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА ВО СВЕТОТ

Абстракт

Целта на овој прегледен научен труд е подигнување на свесноста за потребата од рециклирањето на хартија во светски рамки. Индустријата на хартија е една од најголемите светски загадувачи и игра голема улога во глобалното затоплување поради дефорестацијата, загадувањето на водата, воздухот, трошењето на енергија, итн. Во Македонија недоволно е развиена јавната свест за потребата за рециклирање на хартија. Визуелна комуникација е еден од начините за подигнување на свесноста за можностите на рециклирање на хартија. Дизајнерите кои се занимаваат со оваа тематика треба да ја познаваат историјата и технологијата на производство на хартија, како и процесот на рециклирање хартија за да можат ефикасно да ја пренесат пораката. Еколошкото мото „мисли глобално, делувај локално“ значи дека процесот на рециклирање на хартија треба да започне уште во домот и собирањето на користена хартија е важен чекор кон рециклирањето.

Клучни зборови: *хартија, рециклирана хартија, историја на хартија, загадување, средина*

Заклучок

Од горенаведените факти и детали, јасно е дека постојат бенефити од рециклирањеро на хартија како што се намалување на дефорестацијата и намалување на количеството на отпад кое се складира во депониите. Меѓутоа, постојат и критики кон продуктите и процесите на рециклирање на хартија. Овој преглед покажува дека аргументите против рециклирањето не се доволно големи за да се обесхрабри овој процес. Рециклирањето на хартија користи значително помалку вкупна енергија отколку продукцијата на целулозна хартија. Како и да е, рециклирањето е многу зависно од фосилните горива. Поради тоа, треба да се поттикнува користење на чисти извори на енергија во процесот на рециклирање, како што се соларна или енергија од ветер.

Напоредно со промоцијата на рециклирањето на хартија, треба да се прави и редукција на користењето на хартија. Намалувањето на количеството на искористена хартија, како на пример користење на електронска пошта или печатење на двете страни од хартијата, би имало бенефит за околината поради редуцирање на користење на ресурси, продукција на отпад и останати загадувачи.

References

1. Weyerhaeuser Info, Germany; http://www.weyerhaeuser.com/
2. Institute of Scrap Recycling Industries; http://www.isri.org//AM/Template.cfm?Section=Home1
3. Waste Management, Inc., USA; http://www.wm.com/wm/services/recycling.asp
4. Aerostat/OECD, Questionaire1998; http://www.oecd.org
5. Japanese Ministry of Economy, Trade and Industry, Pulp & Paper Statistics; http://www.meti.go.jp/english/newtopics/data/nBackIssue20080125_01.html
6. OJI Paper; http://www.ojipaper.co.jp/english/
7. Confederation of European Paper Industries; http://www.cepi.org/Content/Default.asp

8. PPI – Paper and Paperboard Industries; http://www.forestindustries.fi/Infokortit/Paper_industry/Pages/default.aspx
9. European paper Association; http://www.erpa.info/

316.77:316.728(084.12)

Ass. Prof. **Ivan BLAZHEV**

USING DOCUMENTARY PHOTOGRAPHY AS A MEDIUM FOR SOCIO-POLITICAL RESEARCH THROUGH THE EXAMPLE OF THE DOCUMENTARY PHOTO PROJECT *HOMEBOUND*

Abstract

Documentary photography is a powerful medium for telling stories, interpreting socio-political trends and conveying experiences of local and foreign cultures and sub-cultures. Documentary photography represents is an excellent way for exploration and discovering society, culture and ourselves. It is very often an attempt to capture the essence of a place and/or the experience of the people represented on the photographs. The photographic project titled HomeBound by Ivan Blazhev is an example of documentary photography used as a method of researching and narrating about the experiences of living in one of the student dormitories located in Skopje, Macedonia.

Keywords: *Photography; Documentary; Home; Research; Student life; Living;*

INTRODUCTION

In broad sense, all non-fictional representation and depiction of realistic subjects is considered to be documentary. It was during the 1930's in the United States that the term "documentary" was used with a more limited meaning.

It was used to describe a very specific style or genre of photography which emerged at the times as a means of addressing the social and political realities of the Great Depression era.

During these times "photographers produced modernistic style and realistic subject matter, aimed at educating the public about the experience of hardship or injustice." (*Marien, M. W., 2006, pg. 276)* The most famous documentary project was ran by the Farm Security Administration during the Depression, when over 20

photographers worked under its roof, documenting the agency's work and creating emotionally persuasive images of people's hardships during this time.

Since the 1930's, documentary photography has been widely used and abused. At the same time glorified and dismissed by various camps it has maintained its popularity and presence though somewhat changed under the influence of the many heated debates about the objectiveness and truthfulness of this type of photography. According to Marien, documentary photography now frequently navigates between visualizing the personal experience of the photographer and a setting of profuse sociological text. (*Marien, M. W., 2006, pg. 277)*

MAIN ANALYSIS

The documentary project *HomeBound* by the photographer Ivan Blazhev is an example of such visualization of the photographer's personal experience with the subject, as well as a narrative describing the living conditions and experiences of the residents of one of the student dormitories in Skopje. The photographer uses the form of documentary photography for researching and portraying the intended topic.

The Residence Hall Stiv Naumov is located in the borough Avtokomanda, below the park-forest Gazi Baba and the Faculty of Natural Sciences and Mathematics, in the city of Skopje. This Residence Hall is a part of the State Student Housing Center – Skopje, a state institution which takes care of housing and meal plans for students coming from the provinces.

Stiv Naumov is by far the largest Residence Hall, with housing capacity for (approximately) 2000 students. It consists of barracks that have been around for almost 40-plus years, two somewhat newer male dorms, and one female dorm, built last, in the early 1990s.

For the last 10-15 years, it has been the focal point of the media's interest, and time and again this Residence Hall is heard of and seen in various journalists' segments. The media's attention mostly focuses on the catastrophic and sub-standard living conditions the Hall offers or it reveals some shocking, namely criminal event that had taken place in the vicinity of the Hall. For the past few years, usually at times of impeding elections (student or political ones), the Hall's long-overdue renovation is talked of, as well as the issue of building further housing and recreational facilities. Its visibility in the media and the topics

connected to it are perhaps the reason why this Hall is thought of as the most famous, that is, the most infamous of all Student Residence Halls.

However, the picture that the media had portrayed seemed superficial, as if only looking at the surface of the problem. For whatever reasons, the traditional media didn't go deeper into the issues, but rather was satisfied with the shocking value of the news making the front cover or the prime time TV news. This is where documentary photography gains foothold over other forms of traditional media. Usually done over a longer period of time it offers a more in-depth view and analysis of a certain subject.

The photographer had never before this project set foot in Stiv. The pre-visualization the photographer had created for himself, of the Hall, was based on the very information made available publically. This visualization was also the main impetus he had when deciding to start the project. When hearing the segments about the living conditions in the Hall, one starts to ask himself how it is possible to live in such circumstances. It seems impossible to fathom the depravity of the said circumstances. Yet the discussion is neither about a weekend outlet space nor a place to take a few days' retreat, but a place, although transitory by nature that ought to represent someone's home during a period of few years.

Provoked by series of questions the photographer decided to take up a photo project in order to research the issue in question. After an initial stage of research the photographer visited the Hall for the first time in the fall of 2007. No matter how much one is prepared, even at first encounter, the dire, physically-harsh, living conditions that encircle the everydayness for the Stiv residents leaves a lasting imprint; the stench from the restrooms that seeps through the hallways, the half-rotten furnishings of the rooms, the few in number functioning showers (2-3) per floor housing usually 70-80 students, the rooms without a telephone or internet connection, etc. Likewise, one cannot miss, right from the entrance point, the various wall scribblings and graffiti adoring the doors and the hallways, suggesting a resistance of spirit and an attempt to leave a personal mark, somewhat humorous (oftentimes vulgar), i.e., a way to neutralize the negativity that is not necessarily the residents' making.

The residents of Stiv can be grouped in several groups, one being the people there who could not wait for the opportunity to leave. These are folk that were never presented with another choice and had never fully embraced the Hall's lifestyle. On the other side, there are people in Stiv who were there due to a personal choice, full of positive experiences about living in the Hall, as well as those, who after surviving the initial shock, had attempted and had succeeded in

carving out for themselves a space and a life that makes them secure and comfortable.

HomeBound upon its completion became a photographic narrative about all of them. It is a story which attempts to breach the surface of things. It is a tale about the capability of the human spirit to adapt and to persevere. It is a chronicle of the desire and the attempt to alter, positively, the living surroundings people inhabit. *HomeBound* is a narrative about nesting, about the need to etch out a place we can call home. Henceforth, the numerous emerging questions that effectively question the obvious understanding of the term *Home*. Can a Student Residence Hall, a transitory space, can Stiv become a Home for those students who are bound to it, who live in it? What does a space need before it is called a Home? Can one call Home a place shared with people who are not the closest relatives, whence the residents are constantly subjected to someone's gaze, while simultaneously casting their own gaze in some other direction, at someone other? How does one get to build a Home in such an open platform type of a community, which is no stranger to constant tensions between the need for privacy, closeness and comfort, on the one hand, and the seductiveness and fulfillment of togetherness and communal sharing, on the other? These are some of the questions the photographer was faced with as he looked at and compiled the photographs.

The said photographs portray, first and foremost, the characters and their individual storylines, accompanied by these young folks' living conditions; nonetheless, these photographs stand to witness and to reprimand a communal (ir)responsibility and (non)solidarity. The photographs may also be seen as an incentive, for the students themselves, but also for the rest of community, to take responsibility and action, along the lines of providing and creating decent living conditions.

One cannot wonder how substantially the individual stories of these young folk may be changed when a radical improvement of conditions might take hold.

The photographs were taken during the period between November 2007 and March 2008. During this period around 100 residents of the dormitory were photographed in their surroundings and interviewed about their experiences of living there. After the production stage was completed followed the third stage, characteristic for documentary photo projects, the stage of selection and editing. The final edit was comprised of about 30 portraits which were combined with excerpts from the interviews. Combined like this, the juxtaposition created a multidimensional personal point of view of every photographed resident about the experience of living in the dorm. The picture was completed with still life images of details of the interiors of the dormitory.

The project was presented by the Macedonian Center of Photography in form of a public exhibition at the gallery of the Macedonian Cinemateque in March 2009, as well as, published in form of a book distributed through various bookstores. After this first public presentation the project was shown on several internet venues such as www.okno.mk and ww.gaia-photos.com. At the second listed internet venue, which is a blog type gallery for exhibiting and promoting global documentary and photojournalistic stories over 4,000 visitors saw *HomeBound,* and for a long time until recently it was the most visited story on the website.

CONCLUSION

Although not unknown in the history of photography, it may be over-optimistic to believe that documentary photography can bring revolutionary changes regarding socio-political issues and influence wide masses. However, its power to engage the viewers in a dialogue with a given subject and to make the viewers ask themselves the same questions that the photographer was presented with when confronted with the situation is indisputable. Further, documentary photography has the capacity to instigate debate and promote discussion which could eventually lead to change of policies. This capacity is grounded the characteristics of the medium, in its ability to be used as a tool for thorough and detailed research, of which the results can be additionally presented and promoted in a powerful visual manner in a more traditional form, such as printed media, or through multimedia and internet venues.

The experiences from the documentary photo project *HomeBound* support such conclusion. The feedback and the reactions from the audience and other media were along the lines outlined above. As presented and discussed by various sources, the student dormitory “Stiv Naumov” and the experiences of living there were presented in a very comprehensive and detailed, yet engaging approach. Such method provoked responses from audiences, including the residents of the dormitory themselves, confirming the influence documentary photography has in today’s society.

УПОТРЕБАТА НА ДОКУМЕНТАРНАТА ФОТОГРАФИЈА КАКО МЕДИУМ ЗА СОЦИО-ПОЛИТИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ НИЗ ПРИМЕРОТ НА ДОКУМЕНТАРНИОТ ФОТО ПРОЕКТ *ДОМА*

Заклучок

Иако не е непознато во историјата на фотографијата, можеби е преоптимистички да се верува дека документарната фотографија може да донесе револуционерни промени во однос на социо-политички теми кои ги обработува и да влијае врз широка популација. Но сепак, неспорна е моќта да ја привлече публиката, да ја вовлече во дијалог со даден субјект и на тој начин да ја натера да си ги постави истите прашања со кои се соочил и фотографот кога бил конфронтиран со ситуацијата. Понатаму, документарната фотографија има капацитет да иницира дебата и промовира дискусија која евентуално може да доведе до социјални или политички промени. Ваквиот капацитет е базиран на специфичните карактеристики на медиумот, во неговата способност да се искористи како алатка за детално истражување од кое понатаму резултатите може да бидат презентирани на визуелно моќен начин во традиционалните форми на печатени медиуми или пак во посовремени форми на мултимедијални презентации и преку интернет.

Искуствата од документарниот фотографски проект Дома го подржува овој заклучок. Коментарите и реакциите од публиката одат во насока на негово потврдување. Начинот на кој беа презентирани студентскиот дом "Стив Наумов" и искуствата на неговите станари се окарактеризирани од различни извори како детален и опсежен, а сепак привлечен. Таквиот метод испровоцира реакции од публиката, вклучувајќи ги и станарите на студентскиот дом, на тој начин потврдувајќи го влијанието што документарната фотографија го има во денешното општество.

Клучни зборови:с *Фотографија; Документарна; Дом; Домување; Студентски; Истражување;*

Bibliography:

1. Marien, Werner M.: *Photography, A Cultural History.* New Jersey: Pearson Prentice Hall. 2006
2. Sulaž, F.: *Estetika fotografije*. Beograd: Kulturni centar Beograda. 2008
3. http://historymatters.gmu.edu/mse/photos/ (13.01.2010)

Illustrations with text:



Photo 1. *Detail of a room interior*



Photo 2. **Eleonora**

We who are assigned to the barracks have bath space and showers at a distance of a hundred meters. And they are co-ed: both for men and for women. So one day, as I am

taking a bath, I accidentally glance upwards and I see that the guy from the next shower over had stepped over the sink and was peeking at me from above. So we stand like that, for a minute or so, I do not know what to say. So all of a sudden, I start yelling, cursing and the guy gets scared, jumps off of the sink, flees outside and runs away.



Photo 2. *Graffiti on the doorway inside the male building*



Photo 3. **Svetlana and Zule**

Last year we rented out an apartment and it sucked. There was no comradely. We had heard that to stay in Stiv was a virtual catastrophe so we took an apartment, but here we had a better time socializing, we even came to the study-room to study. And so this year we transferred here.




Photo 5. **Dejan**

When I first came, the room was empty. If you manage to come first, before all the others, you can find little bits, from other rooms, a book-case here, a desk, chair there, all you might need. I found myself a new bed in a room that was still vacant. My bed was broken so I had to spring for a new one.




Photo 6**. Darko**

We find things to do, little amusements. All sorts of things we find interesting, if only books and studying were this interesting. It is not all our doing, as the conditions here are not fit for a student. There is one common study-room; it's a no-use place to hook up with boys/girls, as the people here in Stiv call it. Some go just to look at girls, others to find themselves a date. Or some get drunk, and crash in, doing all sorts of silliness, so everyone can remember them.



Photo 7. *Homemade curtains inside a dorm room*

159.922.7 : 37.015.31

Доц. **Јовица МИЈАЛКОВИЌ**

ВЛИЈАНИЕТО НА ДИЗАЈНОТ ВО ДЕТСКАТА ПОТСВЕСТ

Апстракт

Покрај родителите, на детето во најраната фаза на развојот, несомнено големо влијание на едукација има дизајнерот на просторот како и дизајнерот на детскиот мебел. Нивното присуство преку реализираните дизајни имаат големо влијание на оформување на идната индивидуа. Свесно или несвесно дизајнерот со своите форми, одбраните бои влијае на потсвеста на идниот човек. Тој прифаќа да биде прв едукатор на малиот корисник. Мебелот и конплетниот дизајн станува голема книга на првата – вистина- која сигурно останува некаде длабоко во подсвеста.

Клучни зборови: *Дете, детска соба, детска фантазија, мултифункционален мебел, боја.*

Вовед

Посериозен однос на авторите и проектантите на мебел за децата во претшколската возраст забележуваме со почеток на седумдесетите години. Дотогашните навики што подразбираат мебелот за деца да се проектира според вкусот и потребите на возрасните, се напушта и се почнува со сериозни анализи за потребите на децата. Такви анализи воглавно потекнуваат од психоаналитичарите, педагозите, педијатрите и др. Поширок и посеопфатни анализи продуцираат нов став кон мебелот за децата. Мебелот добива нова задача во односот на прилагодување кон потребите на детето. Освен задоволување на основните начела и потреби мебелот добива и улога на едукатор.

ДИЗАЈНЕР ВО ФУНКЦИЈА НА ПЕДАГОГ

Проектантот на мебел за предшколската возраст станува свесен за својата исклучително важна улога во развојот на менталниот склоп на детето. Тој практично станува **првиот педагог** и наставник на малиот сопственик на мебелот притоа обрнува внимание на : волумен, форма, боја и тоа во -сунѓер- фаза од развојот на детето, каде што детето впива информации кои остануваат доживотно во негова длабока потсвест.

БОЈА


Детето практично првиот контакт со боја го доживува преку колорот што го одбрал дизајнерот на мебел, како и боите во детската соба. Колоритот кој доминира во неговата околина на детето му создава чуство на вистина. Таков колорит останува во потсвеста на нашиот мал корисник. Како поткрепа на таа теза е -вистината- која од детството почнува да се гледа кај возрасната индивидуа.


Жените сакаат розови нијанси, а машките нијанси на сино. Таквите опеделби ги носиме како оформена потсвест од детството. Таквиот колорит не ни е вроден. Таков колорит е продукт на пренесена –вистина- од нашите родители, нашите –дизајнери- при бојадисување на мебелот. Тоа е - вистината- што е впиена вон нашите сетила. Денес како продукт на таквата инерција машките соби се сини, а женските розови. Големо е влијанието врз креативноста на детето од страна на авторот на мебелот. Во овој период играчките имаат исто така големо влијание во едукацијата и оформување на пристапот за-вистината- на бојата. Таквиот пристап на влијанието на едукаторите продуцира чувство за боите каде женските деца поседуваат до 10 пати повеќе од машките. Современата наука осознава дека тоа е продукт на различните пристапи во -сунѓер фазата- на детето. Науката дозѓа до сознанија дека и оформените индивидуи ја носат во себе, во својата потсвест –вистината- за бојата, што се поднесува на играчките од детството како и на боите од мебелот. Тој колорит кој е впиен во –сунѓер- фазата, останува во нашата потсвест, но влијае во одредени фази или моменти и учествува во нашите идни опеделби. Во која мерка? Тоа вероватно ќе биде следната фаза на изучување.

ВОЛУМЕН

Нашиот мал сопственик на мебел покрај влијанието што го има врз колоритот треба да се едуцира и во сверата на **волуменот**. Детето своите

први сетила за волуменот, за големините и односите помеѓу истите, ги осознава и преку мебелот. Со каков воспитен карактер нашите применети волумени ќе влијаат на идниот ликовен уметник, ќе осознаеме од применетите форми на новосоздадените автори, односно со колкави димензии неговите скулптури ќе бидат реализирани. Вистината што е големо а што мало, се прашањата кои несвесно се поставуваат. Долго се сметало дека –индиго- фазата кај децата подолго трае и дека со едукација треба да се почне подоцна. Тој период се однесува на времето кога се почнува со школо. Денешните истражувања укажуваат на фрапантни сознанија во однос на почетната возраст кога вијанието е изразено, така да се смета дека со едукација треба да се почне од нулта година. Тоа е и основната причина што дизајнерите на детските соби и мебелот треба да бидат вклучени во






едукативен процес, односно на помала возраст да дадат свој придонес кон дефинирањето на индивидуата, човекот. Волуменот на просторот има влиание и врз психата на детето.

Големината, обликот на формата како и бојата се теми присутни на првите часови на детето од страна на дизајнерот.

МЕБЕЛ КАКО ИГРАЧКА

Анализирајќи го мебелот како волумен, а воедно и како предмет за едукација не можеме да го набљудуваме надвор од темата ИГРАЧКА. Најдобриот резултати во едукацијата се постигнуваат кога **мебелот покрај функцијата што ја има претставува и играчка,** и така влијанието станува




покомплексно. Мебелот за деца подразбира флексибилност на проектот така да елементите можат да послужат и како елементи во некоја сложувалка, елементи кои оформуваат некоја куќа, замок, тврдина, воз, архитектура од басните и зданија од приказните.

Добро осмислен мебел-играчка може сериозно да влиае на формирање на конструктивната логика, на потикнување на мечтата кај детето, на создавање чуство за форма, боја и сл..

Мултифункциналениот мебел обично има значение да задоволува поголем број на функции. Кај детскиот мебел таквата концепција има уште една компонента, а тоа е мултифункционалноста во смисла на едукација. Дополнителната функција кај детскиот мебел претставува нејзиниот третман на играчка. Тоа значи дека така конципираниот мебел може да биде фо форма на слагалка, како Лего коцки, како парчиња-блокови за некој замок, кој треба да ја одбрани добрата вила. Таквите елементи мора да дозволат оформување на некое засолниште од лошите вонземјани. Задоволувањето на фантазијата и нејзиното потикнување е основна функција кај мултифункционалниот мебел кај нашите мали пријатели. Од таа причина мебелот треба да биде проектиран од пенливи пластични материјали за да им овозможи на нашите мали ѕидари да создаваат свој свет, и така спонтано да оформуваат своето за конструктивна логика, чуство за простор, за волумен, за форма и сл.

МЕБЕЛ КОЈ РАСТЕ

Една од основните карактеристика на мебелот за децата е и можноста мебелот да биде така проектиран да може да ги следи детските потреби во зависност од нивната возраст. Така конципиран мебел мора да РАСТЕ (да се развива) заедно со промената во возраста на детето. Мебелот мора да ги следи потребите кои се менуваат во зависност од возраста. Потребите на



детето кое го повива мајката бара висока маса за пововање, подоцна така високото креветче добива нормална височина, со ограда за да во времето кога детето има потреба да пишува и црта, истото мало креветче да може да се трансформира во маса за пишување. Крајот на приказната на тоа парче мебел е веројатно во периодот на адолесценцијата, кога масата станува пулт за органа, додека плетената ограда станува корпа за баскет или топка за фудбал.

Мебел што го следи развојот на детето: А - Маса за повивање; Б.Со потребната височина ја менува својата функција - со намалување на височината се формира креветче; В. Со промената на потребите на детето височината на работната површина се зголемува и се формира маса.

МАТЕРИЈАЛ

За мебелот со вклучени голем број на откриени и зададени функции, значаен е **изборот на материјал при** изработката . Изборот на материјал за детските соби предизвикува голем интерис, полемики и честа тема на голем број на јавни дебати. Резутатите се обично неусогласени и спротивставени. Темата најчестосе однесува на изборот на материјалите на денешницата, на природните или материјалите од пластика. Но пред секоја споредба и анализа

мора да се усогласат термините и така да се дефинира што подразбираме под терминот дрво, а што под терминот - пластика. Сеуште на нашите простори владее мислењето дека дрвото е тоа што со својата племенитост, и како претставник на природен материал треба да биде доминантен материал во детската соба. За таквото мислење веројатно е виновна **инерцијата на вистината,** од една страна (дрво) и страв од нешто што е ново (пластика). Но да почнеме од анализа на дрвото.

Денешната индустрија веке не го третира дрвото во неговата изворна форма. Индустријата за мебел прави дрвена иверка, која како врзивно средство користи леплива, врзивна супстанаца која до пред неколко години беше во редот на високо канцерогени материи и со висок ризик. Истата таа иверка има завршен слој од пластична фолија која обично е обликувана во вид на слика на некое –чисто племенито- дрво. Таквите -дрвени- иверки обично носат налепници со сертификати и количини на отровни материи како и интензитет на испарувања на лепливите компоненти. Таквите декларации се основа при одлучување на изборот.

Освен иверка за детските соби се употребува медијапан као материјал кој дозволува поголема слобода на формирање на криви слободни форми. Разликата на овие два материјали е во количината и видот на хемискиот состав на сврзувачот.

На крајот на истражувањето на темата за примената на дрвото, логично е да се спомене таканареченото чисто дрво. Дрвото најчесто се применува како репро материјал од кој се прават креветчињата со огради, од тенки профилирани елементи, со завршна обработка од високосјаен двокомпонентен полиуретански прозирен лак, или креветче со ист дизајн но со таа разлика што природното дрво е покриено со розова двокомпонентна акрилна боја нанесена во два слоја. Правото природно дрвото е во двата случаи во долната подлога, под тенките по хемиски пат добиените слоеви. Нашиот мал сопственик треба со своите новоизраснати запчињата да ги откорне дебелите слоеви на бојата за да открие дека неговиот мебел е создаден од –чисто племенито- дрво. Каде е дрвото? Што остана од чистиот допир со природата и материјалите добиени од неа?

Но за среќа индустријата на детскиот мебел не го заборавила обичното дрво. Но да почнеме по ред, од фабриката за импрегнација на дрвото. Почетокот е веројатно кај сушењето и подготовката на дрвото со третирање на додатни адитиви. Дрвото во нашите домови многу ретко доаѓаат во изворна форма, без облога и заштита. Скоро и да нема маса со дрвена плоча која не е

третирана со некои премази за заштита, така да чуството на допир на основната структура не е можен. Примат во обработка на дрвото денес и припаѓа на фирмата Икеа. Тие се обидуваат да ја задржат топлината на структурата, импрегнирјќи го дрвото само во длабиочината на структурата оставајќи го површинскиот дел за нашите сетила да уживаат во раскошот на природата.

Опсежните анализи за дрвото со сите свои добри и лоши карактеристики покажуваат дека сепак тоа претставува основен материјал на корисниците на мебелот постари од пет години. Причината е мошне едноставна. Кај нив, можноста за удари на главата со мебелот се поретки, тежината на мебелот со помош на тркалцата е поднослива, одредени барања се порационални и сл.

Дојде редот и на -лошата- пластика. Покрај тоа што пластиката е најприсутен материјал на пазарот, тој е толку многу оспоруван од аспект на загадувач, па и од страна на естетските можности. Сепак тој се смета за материјал на денешницата, материјал од кого е создаден голем дел на нашиот современ ентеријер, материјал без кого денешницата и иднина не може едноставно да се замисли. Тој претставува материјал од кого е излиена цуцлата и шишето за нашиот главен јунак на ова студија. Материјал во кој се пакува млеко, вода, крвна плазма, папочната врпца, материјал за прибор за медицински помагала и сл.

Се смета дека пластиката веќе го превзема местото на стаклото во сверата на –чисто- пакување. Високо агресивни хемикалии се пакуваат во пластични садови поради се подобрите перформанси. Пластиката станува се побезбеден материјал за пакување на продуктите. Во стандардите на ХАСАП системи, пластиката држи примат со стаклото, порцеланот и ростфајот.

Сепак да влеземе во детскиот рај, во детската соба. Основен предусловот да мебелот биде и играчка, така да детето може да оформува своја непосредна околина и да се формира како мал дизајнер на мебел, потребно е да биде со таков волумен и тежина за да малиот градител може лесно да создава одредени форми. Материјал со таква намена претставува пенливиот пластичен композит со идеално глатка завршница. Таков материјал мора да дозволува дезинфекција и лесно одржување на хигиената. Една од битните карактеристики на идеалниот материјал е и голем процент на дозволени деформации, така да при евентуален судир , кинетичката енергија може да биде впиена од материјалот, а не од нежната коскената стуктура.

Тука е присутен и проблемот со непцата, чешањето на десните и сл. Притоа од аспект на хигена подобар избор на грицкање на мебелот потребно е да истиот биде изработен од пластика, која дозволува дезинфекција, наместо дрвената иверка со своите веќе познати компоненти за кои малиот

корисник, а во случајов истажувач, не е пожелно да ја допре. Би напомнал дека и грицкањето на дрвото обоено со бои и лакови не е баш среќно решение. Компромисно решение би било веројатно чистото дрво, но само за една употреба!

Каде е мебелот на подот, односно на ѕидот. Тие површини беа резервирани само за родителите и нивните фотографии од бебето, излетите, настаните и сл. Места каде на детето не му е дозволено да допира. Современиот приод кон воспитување на децата укажува дека детската фантазија и нивната желба на изразување нема граници. На детето мора да му се овозможи ликовното да може да го искаже и на ѕидот како и на подот исто така како што се изразува преко гласовните форми. Досегашно мнение беше дозволено само преку слободното гласовно изразување (форма на изразување што не подразбира и бришење на ѕидовите и подот од страна на родителите). На детето потребно е да му се овозможи да се изразува во сите форми и облици до таа мерка за да мора да биде и потикнувано. Тоа значи потреба од употреба на водени фломастери, водени бои и сл. Раната фаза не познава фаза на воспитување, а каде смее да се пее, каде да се зборува, каде да се црта, а каде да се бои. Доцната предшколска фаза подразбира период каде што треба да се зборува, како, каде и на кои места смее да се бои и црта. Таквата концепција подразбира проектирње на табли па и подови кои подразбираат лесно бришење на обично прекрасните графити на нашите искрени идни големи уметници.

Заклучок

МАЛИ И ГОЛЕМИ ДЕЦА

Проучувањето и анализата на детското опкружување во детската соба, односно мебелот за деца и играчките за деца, не можеме а да не се запрашаме себеси? Што можеме ние да научиме од малите станари на детските соби и корисниците на нашиот мебел. Каде е крајот на ирealното и компликуваното, што несвесно го потенцираме до пиедестал -мода, тренд. Каде е границата помеѓу барањата на индустријата и потрошувачите и дезајнерите. Дали тој однос ни е пријатен или сме заборавиле зошто е и каде е основната вредност на мебелот. Што и како ние ги проектираме нашите детски соби за возрасни, нашите спални, дневни соби. Која е основната разлика, каде грешиме, каде е нашата инерција без поткрепата со одредена анализа, каде и во која мерка сме робови на модата, која е граница на

робување на статусните симболи, до кога и колку мебелот за големите е само начин на самодокажување. Дали нашата играчка-мебел ја познава само ликовната и скулптуралната свера на мебелот. Дали го чувствуваме удобното седење, кога користиме ЗИК ЗАК столица или на една од столиците на Марсел Броер. Дали заборавивме на физичката ергономија мислејќи само на задоволување на менталната ергономија која патем, и само таа дозволува гламур без мерка.

Литература

1. Мијалковиќ, Ј. *Дизајн на ентериер на индивидуални станбени објекти.* ЕУРМ, Скппје, 2008.

2. Мијалковиќ, Ј. *Основи на дизајн на ентериери*. ЕУРМ. Скопје, 2006.

3. Мијалковиќ, Ј. *Дизајн на мебел*. ЕУРМ. Скопје, 2007.

4. Park, J.. Environmental color for pediatric patient room design. Ph.D. dissertation, Texas A&M University, United States -- Texas. Retrieved January 13, 2010, from Dissertations & Theses: Full Text.(Publication No. AAT 3296499).

5. Schimpff, Martha (1959). The Humpty Dumpty Nursery School: Design and construction of furniture and equipment. M.S. dissertation, Kean 6. University, United States -- New Jersey. Retrieved January 13, 2010, from Dissertations & Theses: Full Text.(Publication No. AAT EP10854).

http://www.roditeljinfo.com 2008/11

http://www.bebac.com/index.php?show=news&part=display&int_newsID=3914

http://www.gradjevinarstvo.co.yu/TekstDetalji.aspx?ban=820&tekstid=778

http://www.yumama.com/index.php?option=com_content&task=view&id=1279&Itemid=79&categoryid=28&sectionid=2

http://www.cicibanklub.com/active/sr-latin/home/svastara/naslovi/detalji/_params/newsplus_news_id/22258.html

Лектор **Сања АПОСТОЛСКА**

НЕВЕРБАЛНА КОМУНИКАЦИЈА - ГЕСТИКУЛАЦИЈА И ГЕСТОВИ
- Италијански гестови -

Апстракт

Истражувањата покажаа дека повеќето од нашите емотивни изразувања се темелат на невербално ниво, кое се изразува со фасцијален и телесен јазик.

Често се смета дека не е важно она што се кажува, туку како се кажува. Како што покажаа истражувањата на Алберт Мехрабијан, (Mehrabian[1]) при директна комуникација на две лица само 7% од пораките се пренесуваат со зборови. Останатите 93% се изкажуваат со невербални сигнали, на пример со изразот на лицето, мимики, положбата на телото, гестикулации или боја на глас.

Денес во Италија се користат гестовите и без вербална интервенција. Се верува дека гестовите во Европа дошле од античка Грција, преку Сицилија- Италија.

Гестовите со раце на Италијанците се воглавно метафорични.Тие се користат да го следат говорот како и за додавање значење на она што неможе да се опише

***Клучни зборови**: гест, симбол, невербална комуникација, Италија, гестикулација*

Кога разговараме, нашите зборови често се пропратени со гестикулации. Содржинската вредност на пораката која некому ја упатуваме е изразена во вербален и невербален облик. Но, се чини дека на комуникацијата не влијаат само изговорените зборови туку и невербалното однесување, а тоа се изразот на лицето, движењето, контактот со очи, одалеченоста на соговорникот, климањето со главата. Така го поттикнуваме

[1] **Albert Mehrabian-** Professor Emeritus of Psychology, UCLA,
Mehrabian, Albert & Morton Wiener (1967): Decoding of inconsistent communications. Journal of personality and social psychology 6(1): 109-114

соговорникот да збори. Истражувањата покажаа дека повеќето од нашите емотивни изразувања се темелат на невербално ниво, кое се изразува со фасцијален и телесен јазик.

Често се смета дека не е важно она што се кажува, туку како се кажува. Како што покажаа истражувањата на Алберт Мехрабијан, (Mehrabian*) при директна комуникација на две лица само 7% од пораките се пренесуваат со зборови. Останатите 93% се изкажуваат со невербални сигнали, на пример со изразот на лицето, мимики, положбата на телото, гестикулации или боја на глас.

Многу истражувања ја покажаа големата важност на невербалната комуникација (според Mehrabian, успешноста на говорот 60 проценти ја одредува невербалната комуникација, 23 проценти гласот на говорникот а само 7 проценти темата, односно она што говорникот го кажал). Невербалната комуникација ја сочинуваат бојата на гласот на говорникот, јачината на гласот, темпото на говорот, изговорот, гестикулацијата, мимиката, проксемија (оддалеченост од публиката), па дури и мирисот и облеката која говорникот ја носи во текот на говорот.

Говорот на телото по правило е несвесен, но е поизразен од зборувањето. При толкување, многу е важно за значењето на пораката никогаш да не се земат предвид поединечните сигнали на невербалната комуникација, туку сите заедно.

Реј Брдс Витстел (Ray L. Birdwhistell[2]), автор на книги за говор на телото, смета дека 65% до 90% од разговорот се интрпретира низ говорот на телото. Се чини дека повеќе реагираме на она што е невербално. Постојат случаи кога гестовите не се во согласност со она што е кажано. Движењата на телото често пати несвесно ги откриваат скриените намери, премолчените пораки или потиснатите ставови во однос на она што е кажано. Заменувајќи го невербалниот елемент, говорот на телото ги опфаќа сите сетила, вклучувајќи го слушањето, гестикулаците и употребата на просторот. Постои цела низа на сигнали и облици на говор на телото на кој се темели невербалната комуникација. Погледот, мимиката, гестот или држењето на телото често можат на некого да му кажат повеќе од зборовите. Изразот на лицето одредува дали треба да го засилиме, намалиме, неутрализираме или да го сокриеме изразот на некое друго чувство. Контактот со очите е битен, бидејќи очите се најизразениот дел од лицето и се извор на голем број информации за време на разговорот. Стручњаците тврдат дека гледањето на соговорникот во очи почесто служи за слушање, отколку за говорење. На пример, подредените вработени покажуваат поголема визуелна

[2] **Weitz, Shirley**. *Nonverbal Communication, Readings with Commentary*, 2nd Edition, Oxford University Press, New York, 1979 .Американски антрополог, татко на кинезиката, наука што се занимава со комуникациските вештини поврзани со телото

внимателност при слушање, отколку личноста со повисок статус. Ниското ниво на контакт со очи обично се смета за незаинтересираност на соговорникот или темата на расправа. Тонот на гласот, како важен облик на говор на телото исто така може да ни каже за пораката која некој ни ја упатува. Промената на тонот на гласот при изговарање на зборовите го менува значењето на нашите прашања и одговори.

Близина или оддалеченост

Просторната одалеченост се смета за важен аспект на говорот на телото. Меѓутоа луѓето често не се свесни како го користат просторот за комуникација. Тоа значи на пример, колку блиску ќе биде соговорникот со менаџерот при интеракцијата. Општо владее правилото дека односот е поблизок колку што е помала одалеченоста меѓу комуникаторите. Менаџерот при тоа мора да биде свесен за значењето на влегувањето во приватниот простор на личноста. Кога одалеченоста е помала, значи постои поголема вклученост и заинтересираност за личноста и темата на разговор. Положбата на телото влијае на важноста на односот и може да биде одлучувачка во успешната комуникација. Гестикулацијата и движењето на телото се учат низ процесот на социјализација, а се разликуваат во зависност од социоекономскиот статус, полот, годините и потеклото. На пример, Арапите во текот на разговорот стојат поблиску до соговорникот отколку Англичаните или Американците. Исто така додека во некои култури контактот со очите е прифатен, во други се смета за неприфатлив начин на однесување.

Секој од нас во секојдневната комуникација употребува гести-кулации и мимики, но кога се држи говор пред голем аудиториум треба да се обрне внимание кога гестикулациите/мимиките треба да се зголемат/намалат - единствен критериум во користењето на гестикулациите е да делувате нормално и опуштено. Гримасите се можеби еден од најбитните форми на невербална комуникација. Гримасите визуелно пренесуваат расположение и моменталната емотивна состојба на соговорникот, односно преку гримасите можно е да се прикажат секакви емоции и да му се даде до знаење на соговорникот како се чувствувате без да изустите збор. Движењето на рацете и поставеноста на телото исто така пренесуваат пораки за моментална емотивна состојба и расположение. Сето ова изнесено е научен факт, ние, луѓето умееме да комуницираме и без зборови. Но каква врска постои помеѓу оваа повеќе или помалку позната појава кај човекот со систематското убедување. Вие, за да ви биде одговорено обидете се со насмевка и весело со одобрувачки тон на гласот да ја кажете следнава реченица:

"*Собранието денес го донесе Законот за технолошкиот вишок*."

Сега истата реченица кажете ја намуртени, користејќи циничен тон на гласот како да сте налутени.Гледате како една реченица доколку ја изговориме на различен начин ќе поседува различно значење. Во зависност од моменталните потреби на пропагандистот добар закон може да звучи како лош, а лошиот да звучи како добар. Оваа техника може да се користи буквално за секој настан, личност или состојба да се оцрни белото или да се обели црното.

На почетокот на човековата еволуција гестовите биле основен вид на комуникација.Тие биле неопходни за развиток на вербалниот јазик.Со развојот на човекот од четвороножно во двоножно суштество, неговите раце биле ослободени за комуникација со околината, па од тој момент рацете станале корисен алат за развој на многу работи а посебно на јазикот. Примитивниот човек ги користел нив за да може да се изрази, па така тие станале важни во еволуцијата на комуникацијата пред развитокот на вербалниот јазик.

Гестовите се клучен дел на невербалната комуникација и биле предмет на интерес во антиката.Неколку истражувачи (Дидро 1904[3], Велс 1987[4], и Кнолсен[5] во 1965) сметаат дека со проучувањето на гестовите се открива природата и потеклото на јазикот со тоа е основа на универзалниот јазик. Може да се каже дека двете страни на човековото сознание се вклучени: на природата и културата.Животните комуницираат со звук, изрази, гестови, а човекот првенствено со гестови и говорен јазик.Може да се каже дека гестот е баланс меѓу културата и природата во развојот на јазикот.

Во текот на минатите два века лингвистите многу биле заинтересирани за проучување на гестовите за да се укаже на потеклото на јазикот. Јазикот,како и невербалната комуникација е тесно поврзан со сознанието. Значи за да се сфати еволуцијата на сознанието е од витално значење во проучувањето на јазикот. И според Дарвин трансформацијата од четвороножец во двоножец е потпомогнато од развиените биолошки гестови?

Откако човекот се исправил и предните две нозе се претвориле во меки раце и гестикулирал со нив и тие станале нови тела за комуникација.

[3] **Deni Didro**-француски писател и философ, истакната личност за време на просветителството, и главен уредник на Енциколопедијат

[4] G**.A.Wells.** The Origin of Language: Aspects of the Discussion from Condillac to Wundt.

[5]

Гестови во Италија

Како и сите земји така и Италија има долг историски развој на јазикот но тука од големо значење е тоа што земјата е подделена на неколку дијалекти. Италија нема национален јазик се до појавувањето на колоквијален, секојдевен јазик,со пишувањето на Данте, Петрарка и Бокачо. Пред да стане тосканскиот дијалект национален јазик[6] гестикулацијата со раце се користиела со сите облици на комуникација со луѓето во различни групи на јазици. На пример гестовите биле нашироко користени во едукативни цели.Првата книга за граматиката е напишана на тоскански дијалект, "преведена од употребата на гестови и слики". Гестовите обично ги поврзуваат со грубост и ниската класа но, тие се дел од развојот на италијанскиот јазик и важен аспект на комуникацијата меѓу италијанците. Гестовите на Европјаните потекнуваат од античка Грција и биле донесени во Сицијлија и Јужна Италија од доселениците

Денес во Италија се користат гестовите и без вербална интервенција. Се верува дека гестовите во Европа дошле од античка Грција, преку Сицилија Италија. Ова објаснува зошто гестовите се поважни во Јужна Италија од Северна Европа.

Употребата и значењето на гестовите биле предмет на проучување на философите и лингвистите со векови.Во принцип гестовите се користат како компоненти за комуникација, често се препознаваат и заменуваат во вербален дискурс, но претставуваат и еден вид на речник.Еден од првите сличаи се наоѓа во текстовите на Аристотел.[7] Тој напишал дека човекот измислил гестови пред да научи да говори и слуша. Од 15 до 17 век во Европа, посебно во Франција повеќе се интересирало за значењето на гестовите. Стефан Гуацо (Stefano

[6] **Италијанскиот јазик** (*la lingua italiana*) кој припаѓа на романската јазична група (фамилија индоевропски јазици) го зборуваат околу 70 милиони луѓе, од кои најголемиот број живее во Италија. Стандардниот италијански јазик е заснован на фирентинскиот дијалект и е нешто како среден јазик помеѓу јазиците на јужна Италија и галско-романските јазици на северот. Стариот тоскански стандарден јазик, во последните неколку децении, попримил влијанија од италијанскиот говор од Милано, економскиот центар на Италија. Италијанскиот е службен јазик во Италија и Сан Марино, као и во Швајцарските кантони Тичино и Гриџони. Италијанскиот заедно со латинскиот е втор службен јазик во Ватикан, заедно со словенечкиот е службен и во словенечките приморски општини Копер, Изола и Пиран, а исто така заедно со хрватскиот се користи и во Истра каде што живее италијанско малцинство. Мошне е раширен и меѓу потомците на иселениците во Луксембург, САД и Австралија

[77] **Аристотел**: (2002), „Реторика", Македонска книга, Скопје,

Guazzo)[8], италијански писател кој живеел меѓу 16 и 17 век објаснува дека важноста на гестовите се споредува со силата на душата. Според Аристотел, човекот е роден нем и глув и пред да знае да слуша и потоа да разговара тој измислил работи и гестови. Со гестовите не се лаже. Често гестот ја открива вистината и повеќе отколку со зборови.

Денес значењето на зборовите е повеќе отколку евидентно. Денес значењето на гестовите е евидентно. Во Јужна Италија гестикулацијата заради практичните потреби за комуникација еволуирала во база за комуникација.Во некои култури претераното гестикулирање се смета како облик на навреда или пак како лош манир (навика)

Клацификација на гестови

Се појавил интерес и обид гестовите да се класифицираат и поради тоа лингвистите и антрополозите се занимавале со разни култури и изнаоѓање на начини и ситуации во кои се користат нервербални комуникации. Според антропологот Мајкл Волф [9]гестовите може да се поделат во две категории: фантастични (научни) и земјени.

Според класификацијата на Рот (Rot) [10]постојат ***4 типа на гестови***

Првиот тип го карактеризира врвот на прстот во однос на апстрактната и конкретната идеја. ***Вториот*** предложува да се прати говорот и движењата се едноставни и брзи. ***Третиот тип*** се посложени, тие ја цитираат идејата и опфаќаат комплекст од посложени движења. Четвртиот тип е метафоричноста на гестот. Метафоричните гестови покажуваат апстрактни работи и може да ја замени терминологијата на зборот. Тие брзо се разбираат и често се користат со секојдневниот говор. Кога тестот не е поврзан со лицето или ентитетот неговото значење може да стане метафорички и апстрактно. Тогаш можете да зборувате со своите раце без користење на зборови а зборовите да станат знаци.

Гестовите со раце на Италијанците се воглавно метафорични. Тие се користат да го следат говорот како и за додавање значење на она што неможе да се опише. Гестовите со рака често се автоматски. Тоа значи дека тие имаат едно или повеќе апстрактни значења. Гестовите се воглавно симболични.

[8] **Stefano Guazzo**, италијански поет, основач на Accademia degli Illustrati, долгогодишен работиник за фамилијата Gonzaga
[9] **Michael Wolff**, american journalist, 1997 "*Where We Stand"*
[10] **Waverley Lewis Root** 1971 **"***The Food of Italy"*

Според многу распспространети студии во полето на невербалниот јазик, 60% до 70% од комуникациските активности се реазлираат без зборови.Гестовите служат за да направат да се разбертат подобро нашите мисли, да се подобрат и реализираат односите со другите. Гестовите се дефинираат како делови од јазикот на телото и се токму најпроучуваниот дел од невербалната комуникација. Најупотребуваните гестови се оние со рацете, заедно со изразите на лицето. Во невербалната комуникација просторното однесување и изразите на лицето играат прилично важна улога. Овие два концепта се интрерпретираат по желба, според културата. Како би се одговорило на следново прашање

"Се чувствувате ли непријатно кога вашите колеги, додека зборуваат со вас, премногу близу стојат?"]

Одговорот е различен.На пример, оние од истокот би рекле да, бидејќи се чувствуваат сигурно непријатно со интерперсонлана дистанца многу блиска.Додека италијанците и американците, фактот што соговорникот е многу близу го сметаат за приајателски знак. Па така, познавајќи ги овие употреби, сигурно може да се избегнат лошите ситуации. Исто, додека јапонците го сметаат гледањето во очи на соговорникот како знак за непочит, американците го толкуваат различно. Всушност за американците, негледањето во очи на соговорникот значи дека се нема храброст,кажување на лаги или криење на вистината.

Италијански гестови

Гестовите се раѓаат од секојдневниот тек на нашиот живот, од културата и од навиките на луѓето. Прашањето е дека гестот е специфичен одговор на човекот, на надворешните дрзаби, и понекогаш е заеднички на сите членови во рамките на поеднични култури, заедници, групи. Тоа сигурно е прашање кое бара детални истражувања и на кое тешко е да се даде точен одговор. Бидејќи е обемен аргументот на гестовите ќе се ограничиме само на два вида на гестови:

• ***Секојдневни гестови или лични (персонални) гестови***

- Личниот гест или секојдневниот гест е нашиот спонтан, едноставен израз Потекнува од навиките на луѓето.Овие гестови се употребуваат од луѓе или групи, кои што припаѓаат на исто општество, заедница.Па така, потојат луѓе кои додека студираат не престануваат да ја допираат костата, има некои кои слушаат гласна музика и се допираат по телото, има некои кои додека возат си го допираат носот, како да се дома.Познавајќи ги овие гестови, лесно е да се разбере и однесувањето на

некоја друга личност. Гестовите може да ни ги откријат карактеристиките, и да ни откријат за каква личност се работи.Секојневните гестови може да ни откријат и нешто за нашата личност, како што кажува Емануела Сабатини [11]* заменик-директор ***на Центарот за Емотивно Спознајна психологија и психолошка терапија***

"*Гестот сам по себе нема никакво симболично посебно значење и од него неможе да се изведе заклучок.Тој треба да се анализира во рамките на психо-социјалниот контекст во кој се реализира"*.Оваа теза е потврдена од Франческо Падрини, психотерапевт и автор на книгата "Тајниот јазик на телото". Гестот понекогаш може да не доведе до заблуда или погрешно сфаќање и за да го анализираме добро е да се проследат 3 правила

- Да се анализира заедно со телото, на личноста
- Да е во некаков сооднос со вербалниот аспект
- Да се набљудува во контекстот во кој се наоѓа личноста.

Според овие 3 правила, може да видиме што би можеле да кажат за италијанците, за некои од почестите секојденвни активности

Еве неколку примери

Пример 1

Гестови со раце

-Како што знаеме Италија е позната по културата со кафето[12] па така би набљудувале неколку начини како се меша кафето за да би откриле што означува

[11] **Emmanuela Sabatini,** dottoressa in psicicologia, indirizzo psicologia clinica e di comunità

[12] Во Италија од самото појавување, кафето е вистински бум- првата кафетерија се отвара во Венеција во 1683г,на плоштадот Сан Марко.
Во 1750 во Венеција Карло Голдонија издава книгата "La Bottega del Caffe", инспирирана од од шарениот свет на луѓе, идеи и размислувања кои владееле во кафетериите. Во истите години во Милано Пиетро Вери го издава списанието "Il Caffe".Во 1700 и 1800 години, и покрај експанзијата на кафето тоа останува привилегија само на високата класа. Го пијат филозофи, уметници, поети и политичари. Станува пијалок на илуминираните и целиот универзум околу него добива огромен престиж.
Подоцна во почетокот на 20- от век, во Италија се создава првата машина за подготвување на кафе со систем на притисок и пареа,која што подоцна ќе ја насели секоја кафетерија и бар во светот.Во 1901 год. италијанскиот инжињер Луиџи Безера од Милано создава модел на кафемат,кој ги подготвува кафето по пат на екстракција,создавајќи пијалок со густо тело,силен вкус и дотогаш непочуствувани ароми-Италијанското Еспресо

Со десна рака, во правец на стрелките на часовиникот

- Твојот соговорник е осетлив (емотивец) –се интересира за чуствителноста на луѓето и за нивните способности

Со лева рака, во правец на стрелките на часовникот

- Се работи за многу осетлива личност, мечтаеч, духовно добар

Со десна рака, обратно од стрелките на часовникот

- Љубопитна личност. За да го добиеш неговото внимание, мора да знаеш да го изненадиш. Ако сакаш да го убедиш, направи го тоа веднаш.Утре ќе биде доцна, ќе мисли на друго.

Со лева рака, обратно од стрелките на часовникот

- Личност која во се се сомнева, скептик

Ако ја држи рачката од лажицата меѓу палецот и показалецот

Во претхидниот живот, ќе да би одличен диригент, сака да управува и да ги контролира сите луѓе кои го опкружуваат.

Лажицата е поставена хоризонтално, и ја допира површината на течноста

- Сигурно си го губиш времето, што и да ти каже ќе биде секогаш незадоволна

Гестови –сооднос раце-нозе

Ако личноста ги постави рацете на колковите и останува во исправена положба, бара внимание или покажува агресивност

Доколку рацете се вкрстени и поставени на градите е знак на затвореност, не се ни обидувајте да го убедите во нешто.

Ако рацете се поставени на образи, или пак се допира за врат, размислува за твојот предлог обидувајќи се да донесе одлука.

Ако пак го допира носот или очите тоа е знак што укажува на сомнеж, скептицизам, или лага.

Доколку твојот соговорник често ги прекрстува нозете наизменично и забележуваш повеќе од 20 такви промени во времетраење од 30 час, имаш работа со прилочно емотивна личност која е лесно да ја импресионираш.

Ако десната нога е поставена врз левата значи дека си го убедил, предсе ако се работи за маж. Кога пак левата нога е поставена врз десната зависи, ако се работи за жена, пред тебе стои личност мечтаел, ако е маж, внимавај:тоа е агресивна личност.

Пример 2

Гестови со палци

Десниот палец поставен врз левиот палец тоа е администратор, логичар, кој точно знае што сака.

Левиот палец поставен на десниот палец: тоа е креативец, , инвентивна и мечтаел

Ако палците се допираат: Авторитет, личност која постојано зборува но е способен да се слуша само себе.

Ако палците се скриени позади другите прсти: Тоа е Петар Пан, вечно дете, малку срамежлив, и понекогаш несигурен.

Пример 3

Гестови со пенкало/молив и начин на држење на цигара

-Гестовите со кои се држи цигарата, се гестови кои се менуваат според полот на пушачот. Еден типично женски начин за пушење на цигара, е истиот да да биде виден како заводничи симбол, и да се држи во раката флерувајќи и покажувајќи го зглобот: тоа е знак на атракција, бидејќи се открива еден дел од телото кој е многу нежен.

Мажот пак, се обидува да ја скрие цигарата меѓу рацете, и да ја пуши држејќи ја дури меѓу палецот и показалецот без да ги мрда рацете како да сака да се заштити од гледањето на истиот чин.

Кој го испушта чадот нагоре може да искаже сигурност, надменост, а оној кој го испушта надолу е негативен, затоа што со чадот се замаглува.

Понекогаш се фаќаме како несвесно додека читаме, работиме на компјутер, задлабочени сме во некој телефонски разговор или концентрирани на некој документ како држиме молив или пенкало во уста. Тоа е гест кој го правиме исто и кога сме пред други луѓе. Тоа е регресивен и безопасен гест кој се прави со пенкало или молив или со предмет кој би можел да се стаи во уста и да се гризе и на овој начин се празни тензијата. Ова е исто и за мажи и за жени. Секојденвните гестови на луѓето се многу интересни и особено се многу

распрространети во секојдневниот живот. Главно тоа се нашите несвесни навики. Преку нив можеме да разбереме за каква личност се работи.

Пример: Вози со една рака? Е сигурен за се

Си зборува сам на себе. Бара поглемо внимание?

Гризе нокти? Можеби е срамежлива личност

Кодирани гестови

Подделениот гест е основиот дел на ова истражување. Во Италија, јазикот на гестовите е многу важен како што веќе видовме во претходните делови. Луѓето, многу често зборуваат многу брзо и дури не се ни разбираат. Очигледно тоа е претерано,но реалноста поради тоа не е толку различна. Па така се создал ситем на гестови. И во овој дел, ќе се обидеме да ги изанализираме дадените информации. Ги поделивме гестовите на две основни категории:мимички гестови и симболични гестови.

Мимичките гестови, наречени исто така и илустрирани, се оние кои се креирани за да придружат термин или реченица за време на некој разговор.Можеме да ја проследиме следнава ситуација**:**

*"Марија и Паоло се двајца се вработени во фирма и работат во ист оддел. Денес, сосема случајно се сретнале на улица. Во разговорот, и двајцата збореле за себе, за своите интереси, работа. Паоло бил многу заинтересиран да и раскаже на Марија за неговата економска програма, и сакал да и ја покаже на Марија, и во тој момент тој прави гест: Го става показалецот од раката во висина на главата со значење еден момент и веднаш, ја вади од папката својата програма за да и ја покаже на Марија. Марија го проценила, и му кажала дека тоа е многу добро, креативно, одлично со тоа што притоа палецот и показалецот од нејзината рака се допреле на начин да прават круг. Ненадејно, на Марија и зазвонел телефонот, при што таа ја употрбила едната рака отворена како да го застанува, и јас поставила пред себе односно, почекај за момент.Очигледно Паоло го сфатил тоа и замолчел. По разговорот Марија го прашала Паоло колку е часот. Но Паоло немал часовник, па така тој го употребил прст и покажал на својот зглоб без часовник.. Бидејќи Марија во тој момент имала обрврски се поздравиле, и Паоло и рекол на Марија дека ќе и телефонира, и во истото време со раката во висина на увото, симулирал слушалка на телефон со палецот и малиот прст раширени и трите централни прста собрани***"***

Сега да пробаме да ги видиме симболичките гестови

Се наречени уште и емблематични, го заменуваат зборот или дури го модифицираат, заменувајќи го дури целосно контекстот во кој зборот се искажува.

На пример :гестот рогови додека се зборува за верност на маж или жена. Како што знаеме, доколку секојдневните гестови се вообичаени акции на човекот, симболичките гестови, се употребуваат како кодиран систем заеднички за целото општество.

Во склоп на нашата истрага, ги подделивме симболичнките гестови на 7 дела:јадење и пиење, душевна состојба, изјавување, опис на личности, комуникативни цели, сомнежи и несигурност, енфазни, и различни гестови.

- ***Јадење и пиење:вообичанео, за да се покаже чувство како е да си гладен, или да се даде суд за храната дали е "добра или пак да се покани некој на јадење или пиење вообичено се употребуваат следниве фрази***

Како се изведува гестот	Што значи
Се држи раката отворена со прстите собрани, во ритам на стомакот, во висина на колковите	Гладен сум
Се држи раката на стомак	Се прејадов
Рацете се поставени да симулираат чаша, со палецот накај устата	Поканување некој на пиење
Се става прстот на образ и со него се прават кружни движења	Одлично Вкусно

- ***Душевна состојба:Овие гестови означуваат состојба на страв, досада, среќа, трпение, умор....***

Како се изразува гестот	Што значи
Двете раце го стегаат цврсто палецот кон другите прсти	Страв ми е Колку е страшно
Се допираат дланките брзо и постојано како кога сакаме да се затоплиме	Задоволство
Со собрани дланки се мрдаат рацете	Кој мир Бидете мирни
Се става раката на чело како да се бришеме од пот	Кој напор
Се гризе зглобот од еден прст	Бесен сум

- ***Изјави/Закани***

Како се изразува гестот	Што значи
Се користат прстите собрани кон слепоочницата и се удира неколку пати кон истата	Не си во ред си
Отворена рака се собира пополека почнувајќи од најмалиот	Внимавај!Оној онаму е крадец
Се доближуваат бавно двата показалци, се слепуваат еден до друг, и се за некој момент како слепени	Заедно се
Се држи раката во тупаница насочена кон некој	Ќе ти удрам бокс
Раката е поставена во висина на градите	Биди внимателен
Показалецот е нанапред, палецот е наназад, другите три прста се како тупаница, и се симулира пукање	Те убив

- ***Комуникативна цел***

Како се изведува гестот	Што значи
Едната рака е отворена, со другата правиме како да во истата имаме пенкало, и пишуваме на дланката од отворената рака (како на лист хартија)	Пишувај
Се употребува показалецот од десната рака, кој подцртува имагинарен текст на левата рака (како во книга)	Читај
Раката е поставена во висина на увото со палецот и малиот прст раширени кои симулираат слушалка	Се слушаме на телефон
Сите прсти се во тупаница освен показалецот кој ротира	Можеш да повториш?

- ***Сомнеж/Несигурност***

Како се изведува гестот	Што значи
Се држат рацете испружени надолу а се дигаат рамената нагоре	Незнам
Сите прсти се во тупаница, освен показалецот кој е поставен нагоре и се мрда лево -десно	Негативен став –Апсолутно НЕ
Се држи раката собрана во висина на гради на начин да сите нокти се допираат	Што сакаш??
Се држи раката полуотворена и се поставува на ушите како би се зголемила можноста за слушање	Што?Што рече?
Се допира со горниот дел од раката брадата и се спушта нанапред	Не се замарам, не ме интересира
Бавно се подигаат рамената	Кој знае, Уф,

- ***Енфаза***

Како се изведува гестот	Што значи
Раката собрана, затворена, сите прсти се допираат	Се знаеме од некаде?
Раката се држи нагоре поставена собрана, другата е отворена и се замафтува наназад	Пред некое време

- ***Различни гестови***

Како се изведува гестот	Што значи
Прстите се сите вкочанети, затворени, сите прсти се допираат, во висина на градниот кош	Колку народ имаше/има..
Рацете се поставени во висина на раменатa, отворени и се движат напред назад	Незнам ништо
Показалецот се поставува на подочницата,и истата благо се движи надоле	Се лажеме нешто
Прстот се поставува пред устата како да ја држиме затворена	Тишина
Раката поставена во висина на главата со прст нагоре	Да се прецизира нешто или да се бара да се праша нешто.
Палецот и показалецот формираат круг	Се искажува позитивен суд или задовоолство од нешто

Главно кога се зборува за системот на италијанските гестови, мора веднаш да се навратиме на симболичните гестови. Зборувајќи за гестовите, потврдуваме дека има повеќе предности одколку недостатоци.На пример, преку инстиктивните гестови можеме да го откриеме она што соговорникот не го кажува, работите што ги крие, и понекогаш дури емоциите и импулсите за кои не е сеуште сигурен

Во однос на кодираните раните гестови, односно составените делови од кодови поделени ригидно, мора да се биде дел од од општеството за да може да се разбере значењето.

Да замислиме дека сме на стадион за да гледаме фубалски натпревар, во еден момент, фудбалер кој е во добра позиција да даде гол и нема пречки, но очигледно не може да вика на теренот за да го викне неговиот соиграч кој ја контролира топката, зошто е голема веројатноста да неговиот соговорник не го слушне, но и зашто во тој случај фудбалер од другиот тим кје го слушнат. Па така употребувајќи гест кој е познат само меѓу членовите на неговиот тим, би можела да добие вниманиотето од известените фудбалери и да се земе топката да да се шутне.

На крај мора да внимаваме дека одредени гестови се употребуваат само меѓу членовите на фамилијата и со пријателите. Употребата на овие гестови со личностите кои не се познаваат е лошо воспитување, Па така подобро е да се избегне гестикулирањео со луѓе кои не се познаваат

Споредба на гестови

Во секојдневниот живот има многу гестови кои можат да создадат нејаснотии според амбиентот во кој се изведени. Во овој контекст можеме да кажеме дека нашиот свет би бил по мирен без гестови. Фактот што можеме да го разликуваме и разбереме значењето во еден разговор ни дава голема предност во меѓучовечката комуникација

Италијанските гестови според регионите

Честотата на употребата на гестовите во Италија варира според регионите. На пример, Јужна Италија[13] гестукулира многу повеќе од Северна Итталија[14]. Особено, симбличките гестови се креирани и употребени со голема честота во Неапол и Сицилија. На пример истиот гест може да биде различно концепиран според локалитетот. За Наполентанците фактот за поткревање на вегите е знак да се внимава на некој , додека во другите региони овој знак служи за да означи некоја итра и лоша личност. Во Рим и Неапол, фактот да се употреби прстот кој го допира носот е знак да се навести опасност на искрен и пријателски начин додека во Сарденија овој знак го користи оној кој што сака да открие тајна. Задната страна од раката која ја милува брадата е негативен гест во Северна Италија и значи неможам да го простам тоа, или неможам да го задоволам но пак во Јужна Италија овој гест може само да значи НЕ со негативен пристап. Како што знаеме, знакот ОК на американците значи потрвда со некој за нешто.Но во Северна Италија значи ПЕКОЛ, во Јужна Италија, значи безбобразен гест, кој означува нешто ужасно. Познавањето на различните интрепретации на гестовите е сигурно важен факт кој би ни помогнал да го разбереме начинот на употребата на италијанските гестови според регионите и да се избегнат засрамувачките гестови кога комуницитаме со италијанците..

Гестовите во светот

Поради различноста на гестовите, понекогаш, значењео на еден одреен гест може да биде различно од едно до друго место, од една општина во друга од истото место. Да пробаме да ја наметнеме следнава ситуација

Еден млад американец се наоѓа на пат во Нигерија.На улица, автостопира со палецот, по кратко време застанува автобус полн со луѓе. Патниците,

[13] **Јужна Италија**, се состои од шест од 20-те региони во Италија.Брои 14.147.77 жители.

[14] **Северна Италија** се состои од осум од 20-те региони во Италија. Партијата Лега Норд, под водство на Умберто Боси, име предложено независност на северна Италија под името Падание

очигледно нигеријанци го тепаат кутрото американско момче со боксови и шлаканици, едноставно зошто за нигерците знакот за автостоп, е безобразен гест.

Токму поради ова е важно да се знаат гестовите на различните култури.

Гестови	**Значење во различни култури**
Знаци со главата (афирмација)	❖ Значи ДА или согласност за нешто во речиси сите култури во светот ❖ НЕ, или несогласување во некои земји како Грција,Турција, Бугарија
Знак со главата наназад	❖ Значи ДА или согласност за нешто во Тајланд, Филипини, Лаос и Индија
Подигнување на веѓи	❖ Значи ДА или согласност за нешто во Тајланд и некои источни земји ❖ "Здраво" на Филипини
Намигнување	❖ "имам нешто да ти кажам" во Америка и во некои западни земји ❖ Се користи како знак за додворување на некое момче или девојка
Да се држат очите полузатворени	❖ "Досадно е" "Ми се спие" во Америка ❖ "Те слушам" во Јапонија, Тајланд и Кина
Показалецот да го допира носот	❖ "Чувам тајна" во Англија ❖ "Биди внимателен" во Италија
Знакот ОК	❖ Во речиси сите земји значи Се е во ред, Се е на место ❖ Ништо, или Безкорисно во некои источни земји ❖ Пари во Јапонија ❖ Овој знак е некултурен за некои земји како Грција, Италија, Турција
Гестикулација	❖ Италијанците додека зборуваат гестикулираат ❖ За Јапонците тоа е некултурен гест
Употреба на показалецот за да се означи нешто или некој или да се укаже на некој проблем	❖ Во Северна Америка и во Европа ова е нормален гест ❖ Во Јапонија и во Кина овој гест не е културен, вообичанено кога се посочу-ва на некој или нешто се користи целата рака

Заклучок

-Според приложените инфомации се доаѓа до заклучок дека невербалната комуникација е комуникациски примерок кој настанал пред развојот на самиот говор. Пред да се поајви радиотот кое вовело промени во начинот на проток на инфомациите, информациите почнале да се умножуваат со изумот тискарски строј. Тогаш не била важна дикцијата и самата појава на ораторот, него способноста да се напише доволно добар дискурс кој ќе биде објавен во книга или списание. Радиото популаризирало многу добри реторичари.

Невербалната комуникација е способност за читање на емотивната состојба на луѓето за време на меѓуќовечката комуникација или монологот.

Италија е држава која брои застапеност на невербалната комуникација со речиси 78% .Гестовите потекнуваат од Италија, а некои италијански гестови се прифатени на интернационално ниво.

Abstract

Studies have shown that most of our emotional expressions are based the non-verbal level, which is expressed by visual and body language. Often considered not important what they say but how telling. As studies by Albert Mehrabijan, (Mehrabian) in direct communication of two persons only 7% of messages are transmitted in words. The remaining 93% with nonverbal signals, such as facial expression, body position, gestures, or the color of the voice. Today in Italy used gestures without verbal intervention. Believes that gestures in Europe came from ancient Greece, Sicily via Italy.

Gestures with the hands of Italians are mostly metaphorical .They used to monitor the speech and to add meaning to what can be described

Key words: gesture, symbol, non-verbal communication, Italy, the gesture

Conclusion

- By the accompanying informations we come to the conclusion that nonverbal communication is the communication that occurred before the sample development of the language. Before appereance of radio which introduced changes in the way of flow of informations, the information began to multiply with an new invention.Then non was very important the diction and the phenomenon of the speaker, his ability to write good enough discourse that will be published in a book or magazines. The radio has poplurarized very good speakers.

Nonverbal communication is the ability to read the emotional state of people during interpersonal communication or monologue.

Italy is a country which has representation of nonverbal communication with almost 78%. Gestures come from Italy and some Italian gestures are recognized on an international level.

Литература

1. . Аристотел: „Реторика°, Македонска книга, 2002, Скопје,
2. Diadori Pierangela "I gesti italiani" 1992, Bonacci Editore, Milano, Italy
3. Mehrabian, Albert & Morton Wiener "Decoding of inconsistent communications. Journal of personality and social psychology" 1967, Chicago
4. 4. Waverley Lewis Root "*The Food of Italy"* 1971, Bologna, Italy
5. Weitz, Shirley. *Nonverbal Communication, Readings with Commentary*, 2nd Edition, Oxford University Press, New York, 1979
6. Wolff Michael "*Where We Stand"1997, England*
7. La lingua e cultura italiana
8. http://www.iluss.it/links.html (Посетено на 12 септември 2009)
9. 8.I gesti italiani
10. http://francesca-italiano.blogspot.com/2008/03/gesti-italiani.html (Посетено на 21 септември 2009)

930.85 : 004

Помлад асс. **Викторија МАНГАРОСКА**

ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Дигитализација на културното наследство

Културните и интелектуалните постигнувања на човештвото континуирано се прикажуваат низ дигитализираните податоци. Културата ја опфаќа колективната меморија на културното наследство, кое се обидува да се согледува преку индивидуалноста, традициите и културното добро низ континуираниот процес на традицијата.

Дигиталното културно наследство подразбира снимање, заштита и зачувување во дигитална форма на културните достигнувања. Дигиталната култура се поврзува со луѓето, т.е. на масовната профилација во дигиталната околина, порастот на употребата на Internet. Со цел да се обезбеди научна основа, вредност на истражување на проектите, потребно е да се управува со целокупното културно наследство, вклучувајќи ја и денешната култура.

***Клучни зборови**: култура, културно наследство, дигитализација, музеи, галерии, основи за економски и развој, стратегија на развој*

Културното наследство и неговото значење, зачувување и заштита преку дигитализацијата, како основна одредница при условите на конзервација и ревитализација

Културното наследство е најголемо богатство на една нација. Тоа придонесува во нејзиниот развој и идентитет. Затоа е потребно тоа да се зачува, заштити и интегрира во општеството. Културното наследство на едно општество го сочинуваат споменици, археолошки локалитети и фолклорни игри кои се пренесуваат на идните генерации. Наследството значи ја вклучува материјалната и духовната култура на еден народ. Културата ги вклучува моралните принципи, вредности, верувања, јазикот, обичаите, религијата, уметноста, книжевноста, сликарството и сите други облици на човековото делување во рамките на одредена општествена заедница. Терминот култура е многу широк и комплексен и тешко е да се дефинира. Според повеќе дефиниции културата се однесува на начинот на животот на членовите на општеството. Културата е она по што една индивидуа или заедница се

разликува една од друга. Културата го вклучува она што луѓето го мислат, прават и создаваат. Таа се остварува во процесите и производите на тие процеси. Културата постои откако постои општеството и остава трагови на своето постоење во форма на културно наследство.

Динамиката на културата и идентитетот има тенденции за полемична дискусија. Културата се поврзува со атрибутот на значењето. Пристапот има контраст кон природниот поглед на значајната реалност. Културното наследство може да се перципира и од светски аспект.

Дигиталната култура претставува растечки дел од "традиционалната култура", која може да се интерпретира или да постои сама од себе. Дигиталната култура е дел од културата, и може да се разгледува како сума од културни објекти кои постојат во дигиталната платформа, без оглед на фактот дали тие биле креирани дигитално или пак се дигитализирани.

Влијание на новите информациски технологии на културниот развој - влијание на виртуелните мрежи

Во последните неколку години сведоци сме на значајното зголемување на користењето на информациските и комуникациските технологии, и во областа на заштитата и зачувувањето на културното наследство. Вмрежените компјутери, електронската пошта, Internet, базата на податоци, www, електронските публикации, on-line дискусиските листи и електронските конференции, дигиталните книги и on-line пребарувачи се само некои трендови кои влијаат на нашата секојдневна работа. Термините како што се информациското општество, новите медиуми, мрежи, cyber културата влегуваат во секојдневната употреба.

Информациско комуникациските технологии влијаат на сите облици на нашите активности, вклучувајќи ја и културата. Општеството во целина, како и културната заедница се соочени со забрзаниот комуникациски и константен зголемен број на публикации, т.е. зголемување на продукцијата на знаење, што очекувајќи доведува до квалитативни промени во начинот на работа на културната заедница. Отстранети се и најмалите физички ограничувања, како на пример, просторните ограничувања и ограничувањата во посредување на информациите, бидејќи виртуелниот медиум Internet нема многу ограничувања на традиционалните медиуми. Новите облици на информации и комуникации настанале со комбинација и намалување на составот на комуникации, емитирања, издаваштво и компјутерските индустрии како директна последица на трендот на технолошката конвергенција. Феноменот на информациското општество се темели на новите електронски информациски и комуникациски технологии кои создаваат нови облици на општествени организации кои имаат производството и обработката на информации. Дигитализацијата овозможува

брзо и лесно подготвување, репродукција, дистрибуција и користење на различни облици на информации (текст, слики и звук).

Новите информациски технологии имаат економски, општествен и културен учинок. Созревањето на некои клучни информациски и комуникациски технологии и сервиси, а посебно на Internet, каде е можно да се одредат елементи кои ќе влијаат на промената и развојот на општествата во целина, како и на културниот развој.

Културата има интегративна функција, како и функција на диференцијација преку два неодвоиви аспекти. Ова е во постојан процес на промени. Информациските и комуникациските технологии интервенираат во човековата околина на начин на кој ги менуваат условите на постоење на различни култури. Зголемениот интензитет на комуникација кој ги предизвикува новите информациски и комуникациски технологии, може преку овозможување на дијалог, да поттикнат подобро знаење за културните разлики. Тоа отвора можност за настанување на нови културни форми како последица на комуникација и мешање на различни облици на култура. Во светот истражувањата се поврзани со влијанието на Internet на различните аспекти на културата, на пример на јазикот, културната заедница, културната разноликост, и на различните културни и уметнички форми, на пример на музиката, визуелните уметности и слично, кои постануваат вообичаени и се спроведуваат во рамките на разни академски подрачја, како и во Република Македонија.

Преку истражување и идентификување на факторите и покренувачките сили кои влијаат на културниот развој, особено на влијанието кое го имаат информациско комуникациските технологии, а исто така и на анализа на импликациите кои ги има виртуелната култура врз културната политика, како и врз управувачките механизми на културните организации. Низ синтезата на резултатите на досегашните истражувања за влијанието на Internet и новите информациски технологии на културниот развој и на различните културни форми се дава и опис на елементите кои ја составуваат виртуелната култура. Прегледот на квантитативните податоци во контекст на виртуелната средина, врши анализа на можните трендови и влијанието на електронската трговија и некои други аспекти на "е-бизнисот" врз културниот развој и културната заедница воопшто, како би се добила воведна рамка и појдовна точка за понатамошна анализа.

Култура, културно наследство, дигитализација
Социјална димензија на културата и културното наследство

Културата претставува филозофија на култивација на духот. Човекот во исто време е биолошко и социјално суштество. Преку културата тој постанува социјално суштество, т.е. преку инструментите, облеката, орнаментите, обичаите, институциите, верувањата, игрите, уметничките работи, дури и преку јазикот.

Leslie A. White, признат културен антрополог, го дефинира човекот, како некој кој има потенцијал да создаде симболи и култура. Културата има повеќе дефиниции. Таа претставува висококомплексен концепт кој опфаќа многу социјални групи.

Човештвото од секогаш бара начин да ги покаже неговите богатства и да ги заштити. Тоа претставува еден од најзначајните улоги на културата. Заштитените елементи на културата не можат да ги исполнат естетските функции на практичната вредност на подрачјето на едукацијата, или на теоретските и идеолошките вредности. Дигиталното културно наследство може да ја исполни таа улога. Преку техничката природа на дигиталната конзервација и заштита некои функции можат да се изгубат, уништат или да се ослабат. Технолошкото ниво на софтверот и хардверот е далеку понапредно од теоретската основа.

Барањето за систематизација, класифицирање и употреба на податоците вклучува заштита на богатствата кои имаат место во развојот на науката. Добро е познато дека секоја цивилизација настојува да ги заштити културните достигнувања.

При дигитализацијата на културното наследство се појавуваат практични, теоретски, технички и научни проблеми. Потребна е кооперација помеѓу две групи, преку медијација на експерти за информатичка наука за библиотеките и информатички научници - музеолози.

Поимот на културното наследство има темпорална вредност. Вчерашните настани можат да имаат друга вредност на културното наследство денес. Концептот на културно наследство има експлицитна историска димензија. Културното наследство во перспектива вклучува реликти кои ги наследуваат претходните генерации и се позначајни за следните генерации. Контекстот на културно наследство ја конституира меморијата на живата култура на луѓето.

Дигитална култура

Дигиталната култура е комплексна област, која вклучува:

- техничка околина на која е неопходно да се пристапи преку дигиталната култура, нивниот развој, промените и новите можности кои се отвораат. Оваа површина вклучува повеќе видови на опрема низ елементи и феномени на:

- дигиталната култура низ која може да се пристапи (на пример, компјутери, мобилни телефони, дигитални камери, модерни телевизии и др.)

- способноста за креирање на вредност преку можноста за употреба на дигиталната култура, т.е. информационото образование (информатичкото општество).

- Дигитализација и културни елементи кои се креираат дигитално или имаат дигитална платформа

Дигиталната култура го обработува начинот на креирање на културните објекти во дигиталната платформа со која функционираат. Фундаментални аспекти ги дефинираат карактеристиките на дигиталната култура. Модерната култура се базира на карактеризирани локални интерпретации на содржината, на светското присуство на симболи и икони на масовната култура. Дигиталните елементи кои се креираат на повеќе начини, со помош на компјутерите, преку дигиталните камери ги поставуваат традиционалните уреди во заден план, телефоните постануваат достапни за снимање на слики и звуци, преку дигитално трансмитирање на радио и телевизија. Виртуелните светови имаат значајна улога во иднина како дигитални.

Дигиталните медиуми го комбинираат текстот, сликите, звуците и податоците, кои како корисници на комплексот на пораки, создава мултимедијална перцептивност преку мултиканалните мрежи. Дигиталната околина на информациите се шири со голема брзина и вести. Дигиталната култура, нашето генерално знаење се трансформира во сума на интерактивен, глобален и мултимедијален - тип на искуства кои се пристапни во секое време. Дигиталните медиуми имаат повеќе карактеристики:

- Интерактивност- дигиталната околина креира можности за зголемување на интеракциите. Постои тренд online околината да постане повеќе персонализирана од модулите кои се прикажуваат на homepage, преку испраќање на sms и rss channel што зависи од изборот. Денешната интерактивна околина може да се замени со ready-made динамичен свет.

-Интерконективност- електронските уреди на информатичкото општество даваат чувство на константна конектираност. Можноста за перманентна присутност и промена на конекцијата ја имаат многу традиционални културни модели кои се рангираат во употребата на нашиот персонален простор во кој што работиме.

- Комплексност - комплексноста е присутна на секое системско ниво на комплексните влијанија.

- Поврзување на говорната и пишаната комуникација- формата на интегрален дел за повеќе култури е дел од базичните значења на заштита на информациите. Во дигиталната околина комуникациите имаат карактеристики на говорна комуникација што се разликува од пишаните. Размената на електронски пораки и различни дигитални објекти (слики, серии на слики, звук и видео

документи) служи како форма на комуникација чии карактеристики се појавуваат поблиску од говорната комуникација.

- Брзина - новите технологии на дизајнирање ја зголемуваат брзината. Значаен тренд е зголемената брзина на информацискатa размена. Административните и бизнис информации се шират екстремно во пазарите во светот преку инстантни конекции помеѓу себе.

- Интангибилност - дигиталната околина има пристап кон актуелниот извор преку информации и објекти. Интангибилната природа на дигиталните културни објекти и модели можат на лесен начин да ја изгубат нивната супстанца.

- Конвергенција - во контекст на информатичкото општество оригиналната смисла на конвергенцијата се интерпретира на два начина, од една страна на можноста за различни мрежни платформи кои овозможуваат базично слични уреди да се користат во унификација на конзументски добра.

- Мултифункционалност (multitasking) – овозможува повеќе работи да се вршат симултано. Перманентното online присуство овозможува интеракција на повеќе комуникации, преку раководење со паралелна фузија на персонална група и масовна комуникација.

Основна карактеристика на дигиталните информации е непроменливоста. Сè што се прави во дигиталната околина остава трага. Времето на отворање на документот се снима и остава траги на компјутерот. Потешките информации како принцип на акциите се снимаат и постануваат апликативни на објектот во дигиталната култура. Дигиталните информации се копираат на лесен начин. Прототипот на мултиплицирање е интересен преку копирање на технологиите кои ги снимаат информациите.

Карактеристики на културното наследство

Културното наследство е координирачки концепт, што ги вклучува материјалните и нематеријалните траги на минатото. Високата култура се поврзува со популарната и масовната култура, преку индустријата, размената, јазикот, ритуалите, фестивалите и др. Неговите карактеристики се:

- Идентитет и меморија - Објаснувањето на популарноста на културното наследство има значење за идентитетот на заедницата. Современите концепции го детерминираат начинот на кој нашето минато има зададена форма и значење во културната меморија. Од семиолошка гледна точка, културното наследство претставува знак. Различните форми на културата се репрезентирани низ културната меморија (уметноста, литературата, филмот,

историјата, културното наследство), што се овозможува преку активирање на меморијата.

- Глобализација и локализација - Идентификувањето на функцијата на културното наследство дава повеќе значење за глобализацијата. Глобализацијата е поврзана борбата за одредена значајна позиција на светскиот канон, ги потенцира дистинктивните карактеристики, како и локалниот културен идентитет.

- Носталгија и постмодернизам - Мотивацијата на заштита на културното наследство е "фактор за носталгија". Заштитата на културното наследство има чувство на припадност кон традициите, како и на менаџирање со културниот идентитет.


- Социјална функција - Културната партиципација има пурификациски ефекти на економски и политички развој. Реалноста на солуцијата претставува еден начин на социјални проблеми и потешкотии.

- Економски мотиви - Економскиот дискурс го поврзува културното наследство, преку поголемо значење на трошоците на идентификување на функцијата и културното наследство. Референца на финансиска поддршка на културата и културното наследство, претставува одржливоста на подолг рок. Директниот контакт со минатото предизвикува комерцијалното привлекување кон културното наследство на градот или регионот.

Објекти, дигитализирани објекти и дигитализација

Објектите, дигитализираните објекти и дигитализацијата овозможуваат креација на ново, повисоко ниво на квалитет. Оваа ситуација може подобро да се објасни преку координацијата на три елементи кои постојат и продолжуваат да егзистираат дополнувајќи се едни со други со одредени промени во нивните функции.

Слика 1. Координација и поврзување на три елементи во процесот на дигитализација: објект, дигитализиран продукт и дигитализирачки процес



Дигиталните колекции ги имаат традиционалните колекции како основа. Основната улога која ја имаат традиционалните музеи е променета, и има ефект на публикација и прикажување на најзначајните улоги во колекционирање, магационирање и дигитализација на материјалот. Значаен е еволутивниот пристап и интерпретација на промената како еднонасочен процес, врз развојот на традиционалните музеи во виртуелни архиви.

1. Објекти

Разликите во конзервацијата (заштитата) и изложувањето (прикажувањето) на објектите во традиционалните музеи, каде презентацијата и прикажувањето ги вклучуваат и ризиците на оштетување, па поради тоа

конзервацијата на изложените објекти вклучува и дополнителни трошоци. Поголем дел од заштитените објекти кои се наоѓаат во колекции не можат да бидат изложени поради фактот дека јавноста нема пристап на околу 90 проценти од поголем број на колекции. Постојат повеќе причини: многу објекти не ги задоволуваат барањата за изложување, не се документирани соодветно или пак немаат адекватен квалитет. Изложувањето пак на дигитализирани колекции електронски ги отстранува овие проблеми, со оглед на фактот дека не се изложуваат физичките објекти, туку нивната дигитализирана форма, т.е. информациите кои ги пренесуваат, презентираат. Објектите на дигитализираните колекции не се оштетуваат при нивното изложување или прикажување. На тој начин, објектите во музеите би имале различна функција, при што најзначајна би била вредноста на објектот која ја пренесува.

2. Дигитализирачки процес

Дигитализацијата претставува реселекција на претходно селектирана реалност на начин кој е ефективен во техничките параметри и параметрите кои се поврзани со ефективноста на трошоците. Од функционална гледна точка, културата може да се разгледува како сума на наследни информации, кои имаат стратегија на помала или поголема организирана група на луѓе. Дигитализацијата треба да претходи на процесот на културна селекција.

3. Дигитален продукт

Архивите на дигиталните продукти не се соодветни за зачувување на информациите - вистинската вредност се манифестира во нивната интерактивна, online вредност. “Реализмот” на хардверските и софтверските системи носат информации кои се значајни за одредена точка на гледање.

Дигитализирање, заштита и зачувување на културното наследство (Digitalizing and preserving heritage)

Интенцијата на човекот отсекогаш била да го прикаже знаењето, импресиите и експресиите со цел да го предадат културниот идентитет на идните генерации. Културните и интелектуалните постигнувања на човештвото континуирано се прикажуваат низ дигитализираните податоци. Културата ја опфаќа колективната меморија на културното наследство, кое се обидува да се согледува преку индивидуалноста, традициите и културното добро низ континуираниот процес на традицијата.

"Дигитализацијата" може да се разбере како конверзија на аналогната реалност во одредена форма, која се пренесува преку процесирање на компјутер (бинарен код). "Дигиталното културно наследство" не го репрезентира културното наследство со кое се среќаваме на интернет. Целиот склоп на информациски и комуникациски технологии (ICT) можат да се најдат преку базите на податоци и каталози, виртуелни реконструкции, webpage и homepage, дигитални фотографии, intranet, DVD, CD-ROM, MP3.

Дигиталното културно наследство подразбира снимање, заштита и зачувување во дигитална форма на културните достигнувања. Дигиталната култура секако се поврзува со луѓето, т.е. на масовната профилација во дигиталната околина, порастот на употребата на Internet.

Дигитализацијата на културното наследство мора да се разгледува селективно. Со цел да се обезбеди научна основа, вредност на истражување на проектите, потребно е да се управува со целокупното културно наследство, вклучувајќи ја и денешната култура.

Дигиталните достигнувања се базираат на колекции и дигитални архиви, преку дигитализација на културните ресурси. Во споредба со традиционалните архиви, вредноста на објектите на која се пристапува е различна од дигиталните архиви, креирање на количество на додадени вредности. Основна задача на музеите претставува да колекционираат, да прикажуваат и изложуваат, како и да ги заштитуваат и конзервираат репрезентативните културни вредности и други информации, создаваат дигитални архиви, да собираат и складираат информации кои ќе ги пренесуваат на идните генерации. На тој начин се обезбедува изградба на информацискатa база врз дигиталната платформа и дигиталната база која постои во традиционалните колекции.

Дигитализацијата претставува процес преку чија работа (текст, движење, слики и звуци) се публикуваат оригиналните недигитални формати и истите се енкодираат во форма која е прифатлива за компјутерите. При дигитализирањето на текстовите секоја карактер (писмо, интерпункциски знак) има одреден код, кој се комплементира со команди за начинот на кој ќе биде прикажен текстот. Преку дигитализацијата на сликите со скенер се овозможува секоја слика да биде дигитализирана. Компјутерот ги зачувува информациите кои ќе бидат собрани и трансмитирани преку скенерот, и ја реконструира сликата за информациите кои ќе бидат вклучени во меморијата. Принтаните текст слики можат да бидат дигитализирани, во случај да ги прифатат карактеристиките кои ќе бидат читливи за компјутерот. Кога се дигитализира звукот, преку звучната картичка се конвертираат аналогните сигнали во броеви. Кога ќе се сними звукот, преку дигитално зачувување на податоците на компјутерот во енкодирана форма се конвертираат во аналогни сигнали.

Предности на дигитализацијата како процес

1. Складирање на дигитални податоци

Заштитата и зачувувањето на примарната задача на политиката на културното наследство (Digitisation of European Cultural Heritage; Bijker-Peperkamp, 2002). Процесот на дигитализација обезбедува можности за зачувување кое се обезбедува со можноста за заштита и зачувување на оригиналните артефакти во оптимални околности, како и рендерирање на дигиталните еквиваленти кои стануваат достапни за јавноста.

2. Процесот на отворање на дигиталните податоци

Музеите и архивите, исто така, ги автоматизираат и компјутеризираат нивните колекции, со цел да го отворат нивното културно наследство кое им било доверено ним, кон поширокатa јавност. Internet им овозможува на артистите, како и на истражувачите и музеите да ги користат можностите за дистрибуција, која е релативно лимитирана во однос на трошоците. Нивната публика се зголемува со цел да се вклучи во светот, ICT овозможуваат лесен пристап кон културното наследство до поголемата и поширокатa публика, географски и на социјално ниво. Internet станува неисцрпен извор на информации за сите видови на податоци.

3. Комуникација

Комуникацијата се инволвира значително. Од една страна, се подобрува комуникацијата помеѓу институциите и јавноста, кои ја зголемуваат јавната партиципација (техничка).

4. Процесирање

Процесирањето на дигитално зачуваните податоци се симплифицираат како предност на корисникот. Актуелната култура е дел од еден состав. Корисникот денес може да презема примери, колекции, едитирање или структура. (на пример hypertext структура)

Новите техники на процесирање и значење на структурирањето имаат основа низ развојот на новата естетика, новите уметнички форми, како и на новата варијација на извори на научни информации. Повеќе внимание се дава мултимедијалноста, интеракцијата со публиката и со дигиталното процесирање и едитирање на културното наследство, бидејќи минатото има ново интертекстуално значење (процесирање на слики како материјали на културното наследство во дигиталните колеци и бази на податоци).

Предизвици и последици на дигитализацијата на Европската Унија

Аспирациите на Европската Унија за информатичкото општество се идентификувани и во употребата на културното наследство во Европа, што претставува значајна сила во економската и културната конкурентност, преку дефинирање на стратегии кои се поврзани со информатичкото општество на многу начини. Со цел да се имплементираат овие планови, потребен е квантитативен исчекор во дигитализацијата и пристапност на дигиталната култура. Основна цел е да се зголеми бројот до 2010 до шест милиони книги, филмови, фотографии и други културни објекти. Квантумот на чекори кои се архивираат во европските музеи, библиотеки и колекции можат да придонесат на нивната дигитална архива во европската архива.

Како технички предизвик се подобрува технологијата на дигитализација со цел да се обезбеди ефикасна и достапна база на аудиовизуелни материјали и книги. Масовната дигитализација на напишаните текстови употребува понапредни автоматски книги и документи преку повисок капацитет на оптички и интелигентни системи.

Само мал дел од европските колекции се дигитализирани во моментот. Дигитализацијата ја управува секоја од земјите членки на Европската Унија, но сепак овие активности не се систематизирани и нивната прогресија се одвива релативно со бавно темпо. Google поставува дигитализација на 15 милиони книги во САД и поголема библиотека во Европа. Дигитализацијата претставува процес кој е интензивен во ангажирање на работна рака и трошоци. Таа подразбира инвестирање однапред во продолжување на фондовите на институциите и процесирање на информациите кои ќе бидат дигитализирани. Дигитализирањето на сите релевантни ресурси, подразбира одредување на материјалите кои ќе бидат дигитализирани.

Дигиталното културно наследство, може да се разгледува преку европската библиотека http://www.theeuropeanlibrary.org/portal/, која е креирана од дигиталната програма на Google. На тој начин се овозможува online пристап на европското дигитално богатство.

Иницијативата на "дигиталните библиотеки" дава пристап на европските информатички извори. Таа се базира на европското културно богатство и има културна разноликост преку последните технолошки достигнувања и одлуките во бизнис менаџмент. Дигиталните библиотеки систематски ги организираат колекциите со дигитална содржина и ги прават достапни до поширокота јавност. Тие ги опфаќаат дигиталните материјали, како што се дигиталните копии на книги или другите физички продукти кои се наоѓаат во библиотеките и архивите, кои се попознати со информативните извори кои оригинално се креирани во дигитална форма. Оваа форма станува сè

повеќе типична за денешниот научноинформациски свет, во дигиталните публикации и во квантитетот на информации кои се складирани во дигиталните складишни простори. Дигиталните библиотеки се користат за дигитализацијата на двата подвида - дигитализираните и дигитално креираните материјали. Треба да се идентификуваат можностите за инхерентност во дигиталните технологии кои го обезбедуваат широкиот ранг и лесниот пристап кон информациите:

- обезбедување на online пристап со цел да се осигури максимален бенефит за граѓаните, истражувачите и економистите при добивањето на информации

- дигитализирање на аналогните колекции со цел да се обезбеди широк ранг на употреба на ресурсите во информатичкото општество

- заштита и зачувување со цел да се обезбеди пристап кон дигитализирачките материјали за идните генерации и за заштита на употребата на вредносните содржини

Во Европската Унија дигитализацијата на културното наследство има културно, социјално и економско влијание. Европските библиотеки и архиви имаат голема количина на квантитет на материјали (кои вклучуваат книги, списанија, филмови, фотографии и мапи и др.) кои влијаат на добрата состојба на европската историја како и на европската културна и лингвистичка разноликост. Online пристапот на овие материјали за многу култури и јазици ќе го олесни осознавањето на културното наследство на жителите и нивното вреднување на културното наследство на другите европски народи. Тие обезбедуваат и извори кои ќе помогнат за учење, работа и рекреација. Библиотеките и архивите претставуваат значаен сектор за вложување и вработување. Во 2001 година биле вработени 336 673 работници во европските библиотеки, а бројот на регистрирани корисници се зголемил на 138 милиони. Влијанието на економијата е значајно во дигитализација на нивните ресурси. Доколку правилно се воспостави, дигитализацијата може да придонесе во значајниот пораст на профитот кој е направен со бизнисот и развојот на новите технологии.

Дигитализација на културното наследство во Р Македонија

Во Охрид во 2003 година во организација на UNESCO и Министерството за култура на Р Македонија се изготви концепт проект за Дигитализација на културното наследство - Digitalization of 'Cultural Heritage'

Концептот на културно наследство има експлицитно историска димензија. Културното наследство вклучува траги кои биле наследени од претходните генерации и кои имаат вредност за идните генерации. Културното наследство се

конституира врз основа на меморијата на живата култура на луѓето. Поимот на културата и културното наследство поминува низ пошироко значење. Од почетокот на осумдесеттите, културното наследство примарно се однесувало на историските градби, археолошките локалитети и естетски вредносните реликти. Во последната деценија, поимот на културното наследство драстично се проширува. Културното наследство се развива во координатен концепт кој опфаќа материјални и нематеријални траги од минатото. Високата култура се здружува на популарната и масовната култура, преку пејзажите, индустријата, јазикот, ритуалите, фестивалите, постерите и др.

United Nations Educational, Scientific and Cultural Organisation (UNESCO) е организација која има цел да го заштитува културното наследство како универзално добро (светски канон), против оштетување или деструкција од воени конфликти, како што е археолошкото и архитектонското наследство, колекциите во музеите, галериите и др. Како светска организација, ги поставува основните цели за заштита на културното наследство кое се смета за универзално важен светски канон, против деструкција од воени конфликти, што се однесува на археолошкото и архитектонското наследство и колекциите во музеите.

Креацијата на значајната дигитална содржина зависи од тематската организација на дигиталните информации на различни типови, податоци, текст, постојани и движечки слики и звук. Преку градењето на тематски колекции во секторските активности треба да се стимулираат некои нови форми на колаборација помеѓу институциите на културното наследство (архивите, музеите и библиотеките), едукативниот сектор и приватниот сектор.

Искуството со дигитализацијата низ цела Европа се гледа низ повеќе пилот-проекти и иновативни експерименти на полето на културното наследство. За да се воведе транзицијата на елементите во апликации од висок размер, потребен е напор и инвестирање за трансфер на знаењето на оперативно ниво. Во некои југоисточни европски земји постојат дигитализирачки центри, кои се поддржани од UNESCO (Прага, Загреб, Љубљана, Софија и др.), преку нивното искуство во дигитализацијата на високо професионалните и скапи долгорочни проекти.

Дигитализацијата на културното наследство на Република Македонија како динамична и тековна полиса на културно наследство се однесува на поделбата на архитектонските споменици и на подвижното и нематеријалното културно наследство. Конзервацијата и заштитата претставува примарна улога на полисата на културното наследство. Процесот на дигитализација и можностите за зачувување на оригиналните артефакти во оптимални околности во исто време, се однесува на дигиталните еквиваленти кои се достапни за јавноста.

Реставрацијата на оштетените културно-историски споменици од предисторијата до дваесеттиот век, е тешко доколку не постојат фотографии, филм или дигитализирана документација.

Апликацијата на новите технологии и дигитализацијата на културното наследство во Република Македонија е неопходна превентивна мерка на културното наследство, а на тој начин се овозможува да се превенира богатата културна разноликост. Заштитата на културниот идентитет на повеќе нации и заедници во Македонија претставува есенцијален фактор за заштита на различните етнички, религиски и културни идентитети.

Информатичките и комуникациските технологии (ICT) за таа цел користат бази на податоци и каталози, виртуелни реконструкции, web-страници и home-pages, дигитални фотографии, internet, DVD, CD-ROM, MP3, мрежни конекции и постоечки дигитализирачки системи. Формирањето на дигиталните архивни центри, музеи, библиотеки и медиа станува базичен предуслов за заштита на културното наследство од оштетување предизвикано од интер-етничките конфликти или од природни причини.

Република Македонија, како и другите европски земји на југоисточна Европа има послаба културна инфраструктура, има лимитирана едукација и недоволни можности за дистрибуција. Дигитализацијата може да се разбере како конверзија на аналогната реалност на одредена форма, што може да се пренесе и процесира на компјутер. Културата се вклучува во колективната меморија на културното наследство, која се поврзува со индивидуалноста, традициите и културното добро во континуиран процес на традициите (UNESCO's Memory of the World Programme).

Дигитализацијата на македонското културно наследство претставува иницијална фаза за добро дефинираната културна полиса и ориентација. Културното наследство вклучува широко поле на подвижно и недвижно културно наследство, кое се рангира во спомениците и археолошките локалитети, колекциите со уметност, фолклорното наследство, книги, документи, фотографии и аудиовизуелни материјали. Постојат 150 официјални археолошки локалитети во Македонија, голем број византиски цркви, манастири, фрески, џамии, специфични архитектонски артефакти кои не биле снимени дигитално. Дигитализацијата на овие културни објекти ќе послужи како основа за потенцијална реконструкција на оштетувањата, девастацијата, деструкцијата, пристапот кон поширокота публика и поттикнувањето за културната партиципација. Преку заштитувањето на културното наследство и негувањето на традициите, луѓето постануваат поврзани во константното инволвирање на културниот идентитет на заедницата.

Етаблирањето на новиот дигитален систем на културното наследство во Македонија ги обезбедува следните предности:

- Музеите и архивите ќе ги компјутеризираат нивните колекции, со што ќе ги отворат предметите со културно наследство за јавноста. Нивната публика се зголемува низ светот. Музејските куратори, библиотекарите и архивистите

треба да ги идентификуваат материјалите (текст, слики, видео) со нивните колекции кои веќе се дигитализирани.

- Дигиталната технологија ќе доведе потенцијалот на музеите, библиотеките и архивите да одиграат интегрална улога во зголемувањето на учењето и обезбедувањето на пристапот кон дигитализираните примарни и секундарни културни ресурси, како и на традиционалните библиографски материјали.

- Дигитализацијата на културното наследство ќе овозможи мултимедијален, интерактивен и лесен пристап на поголемата и поширока јавност, географски и на социјално ниво.

- Идентификацијата на генералните категории на индексирање и каталогизирање на информациите кои се користат за дигиталните материјали

- Градење на моделот и електронската база на податоци на историските информации кои се колекционирани во партиципирањето на музеите, библиотеките и архивите.

- Етаблирање на новите инстанции за македонската дигитализација

- Етаблирање на рамка за креација на базата на податоци

- Промоција на дигитална едукација и културен туризам

Значењето на дигитализацијата на културното наследство во Р. Македонија особено се нагласи по оштетувањето и разурнувањето на објекти со непроценливо значење со воените активности во 1991 години (црквите во Матејче, во с. Лешок, како и џамиите во Прилеп и други) или опожарувањето на конаците во манастирот Свети Јован Бигорски. Основна цел е да се заштити културното наследство во Република Македонија, против оштетување или деструкција од воени конфликти, како што е археолошкото и архитектонското наследство, колекциите во музеите, галериите и др.

Според тоа, може да се заклучи дека процесот на дигитализација на културното наследство треба да продолжи и понатаму со засилено темпо и опфат на културно-историските објекти. Од огромно значење е дигитализираниот материјал на културното наследство да се презентира на целиот свет преку виртуелната мрежа на Интернет со што ќе стане составен дел на светското културно наследство.

Заклучок

Дигитализацијата на македонското културно наследство претставува иницијална фаза за добро дефинираната културна полиса и ориентација. Преку заштитувањето на културното наследство и негувањето на традициите, луѓето постануваат поврзани во константното инволвирање на културниот идентитет на заедницата. Културното наследство вклучува

широко поле на подвижно и недвижно културно наследство, кое се рангира во спомениците и археолошките локалитети, колекциите со уметност, фолклорното наследство, книги, документи, фотографии и аудиовизуелни материјали. Постојат 150 официјални археолошки локалитети во Македонија, голем број византиски цркви, манастири, фрески, џамии, специфични архитектонски артефакти кои не биле снимени дигитално. Дигитализацијата на овие културни објекти ќе послужи како основа за потенцијална реконструкција на оштетувањата, девастацијата, деструкцијата, пристапот кон поширокатa публика и поттикнувањето за културната партиципација.

DIGITALISATION OF CULTURAL HERITAGE

Summary

Digitalisation of cultural heritage

Cultural and intellectual attainments of humanity are continually being threatened and displayed by digitalisation data. The culture composes a collective memory of the heritage that tries to hold on to its individuality, traditions and cultural wealth in a continuous process of tradition.

Digitalisation of cultural heritage saves and preserves cultural heritage. Digital culture connects with the human culture, by the mass profileration in digital environment, and the growth of the Internet usage.

Digitalisation of cultural heritage should have scientific data, and the review of the projects research should include the overall cultural heritage, the digital and traditional culture.

Key words: *culture, cultural heritage, digitalisation, museums, art galleries, economical and institutional basis for development, strategy for development*

Conclusion

Digitalisation of Macedonian cultural heritage is in its initial phase of well-defined cultural policy and orientation. By preserving cultural heritage and nourishing traditions, people, to some extent, manage to remain united with the constantly evolving cultural identity of the community. Cultural heritage encompasses a vast field of moveable and non-moveable heritage, ranging from monuments and archaeological sites to collections of art, folk heritage, books, documents, photographs, and audiovisual materials. There are about 150 official

archeological sites in Macedonia, a large number of Byzantine churches, monasteries, frescoes, mosques, specific architectural artefacts which haven't been digitally recorded. Digitalization of all these cultural objects would serve as basis for a potential reconstruction in case of damage, devastation, or destruction, access for the widest possible audience and encouragement in cultural participation.

Литература

1. Patrick J. BOYLAN, *The Development Gateway: a major new Internet resource for information and debate about culture, heritage and development issues*, in *Museum International*, 215, sept. 2002, p. 49-58.
2. Nico CARPENTIER, *Beyond the virtual binary. ICT's as tools for bridging cultural divisions:* http://www.re-creatiefvlaanderen.be.
3. David DAWSON, *Inclusion and ICT: the challenge*, in *Museum International*, 215, sept. 2002, p. 59-63.
4. Abdelaziz ABID en Boyan RADOYKOV, *Access and preservation in the Information Society*, in *Museum International* 215, sept. 2002, p. 64-72.
5. Anna MIKHAILOVSKAYA - Kirill NASEDKIN, *The Museums of Russia Web Portal*, in *Museum International*, 216, dec. 2002, p. 52-55.
6. Rina ELSTER PANTALONY, *Museums and digital rights management technologies*, in *Museum International*, 216, dec. 2002, p. 13-20.
7. Barbara LANG ROTTENBERG, *Museums, information and the public sphere*, in *Museum International*, 216, dec. 2002, p. 21-28.
8. WEISSBERG en BEN-AMOS, *Cultural memory and the construction of identity,* Detroit, 1999.
9. Brian WINSTON, Media Technology and Society. A History from the Telegraph to the Internet, New York, 1998. Digitalization of 'Cultural Heritage'
   Nele Bogaert en Wouter Dusar, translated by Kristien Jacobs



ФАКУЛТЕТ ЗА
СТОМАТОЛОГИЈА

572.77(497.7)

Проф. д-р **К. ДЕЈАНОСКИ**[1] ,
Пом. асс. **С. ДЕЈАНОСКА**[1], пом. асс. **Е. РАДЕВСКА**[1],
пом. асс. **М. СТОЈАНОСКА**[1]

ЕВАЛУАЦИЈА НА УПОТРЕБНАТА ВРЕДНОСТ НА МЕТОДИТЕ WILLIS И НА БОЈАНОВ КАЈ НАШАТА ПОПУЛАЦИЈА

Апстракт

Авторите ја анализираат употребната вредност на биометриските методи на Willis и на Бојанов, кај 158 испитаници, од двата пола, одбрани според однапред утврдени критериуми. Мерени беа вредностите на параметрите: висината на долната третина на лицето, растојанието од бипуларната линија до линијата на усната цепка ирастојанието помеѓу точките ls - gn. Од сите параметри кои се употребуваат во методот на Willis и Бојанов, само разликите помеѓу растојанијата од бипуларната линија до линијата на усната цепка не покажуваат значајна разлика меѓу половите. Еднаквост на растојанието од бипупиларната линија до линија на усната цепка со долната третина на лицето, најдовме кај 22% од испитаниците. Долната третина на лицето е помала кај 33%, а поголема кај 45% од испитаниците.

Совпаѓање помеѓу ls-gn и ch-ch според методот на Бојанов најдовме само кај 9% мажи и 13% жени. Усната цепка е поголема кај 13% мажи и 15% жени, а помала кај 78% мажи и 72% жени од испитаниците.

На анализираните биометриски методи им недостасува значајна статистичка подршка поради што нив можеме да ги употребуваме како помошни методи при реконструкцијата на меѓувиличните односи.

Клучни зборови: *тотална протеза, меѓувилични односи, вертикална релација, лице, антропометрија.*

[1] Факултет за стоматологија - ЕУРМ

Вовед

При протетичката реконструкција на меѓувиличните односи, често се применуваат антропометриски методи, кои за основа имаат биометриски показатели. Биометриските показатели се релевантни за определени популации, со приближно заеднички расни, етнички, географски и други карактеристики, во определен филогенетскиот развиток на човекот.[2,3] Затоа тие треба да бидат повремено подвргнати на оценка на нивната употребна вредност за популацијата кај која ќе се применуваат. [4]

Меѓу споменатите биометриски методи, кои се препорачуваат за реконструкцијата на вертикалната релација на долната вилица кај беззабите пациенти се припаѓаат и методот на Willis и методот на Бојанов [1,5].

Бојанов, за определување на вертикалната релација ја предлага еднаквоста на ширината на усната цепка и растојанието помеѓу tuberculum labii superioris и gnathion [6,7]. Бојанов соопштил дека кај 400 случаеви добил прецизност од 0.1 mm.

Fourteau и соработниците анализирајќи го методот на Бојанов добиле совпаѓање на употребуваните параметри само кај 36% од испитаниците кај обата пола.[7]

Според методот на Willis, растојанието од бипупиларната линија до линијата на усната цепка и растојанието помеѓу точките subnasion и gnathion се приближно еднакви.

Сувин, Брановачки, Valete, Fourteau и соработниците добиле позитивни резултати за методот на Willis кај 36% од испитаниците. Тие не забележале значајна разлика помеѓу половите. [8, 1, 9, 3]

---

[2] Брановачки Д., Соколовић Б. *Тотална зубна протеза*. Градина, Ниш, 1980.
[3] Stanišić D. Biometrijski pokazatelji položaja zuba u protetskoj terapiji mobolnim protezama, 1 deo: Pojam i značaj biometriske koncepcije u protjetskoj terapiji. Stomatol Gl Srb 1984; 31(50): 413-9
[4] Fourteau P., Lussac J.,David J.,Duprat B. Les moyens de contrple morphologiques ont-ils toujours leur place dans lsa determination de la dimension verticale lors du traitement des edentations totales? 4e Coloque Europeen sur le traitement edentations totales. Societe internationale de stomatologie.Marseille,1987: 147-151.
[5] Suvin M. Biološki temelji protetike: Totalna proteza. Skolska knjiga, Zagreb, 1984
[6] Курляндский Б.А. *Ортопедическая стоматология*. Medicina, Moskva, 1969.
[7] Lejoyeux J. *Prothese complete*. Maloine, Paris, 1967.
[8] Suvin M. Biološki temelji protetike: Totalna proteza. Skolska knjiga, Zagreb, 1984
[9] Valete C. *Determination de la dimension verticale.* 4e Coloque Europeen sur le traitement edentations totales. Societe internationale de tomatologie. Marseille, 1987: 65-72.

Цел


Наша цел беше да ја согледаме употребната вреднос на методот на Бојанов и методот на Willis, кај испитаници од нашата популација.

Материјал и метод

Испитуваните методи беа проверувани кај 158 испитаници, 79 машки и 79 од женски пол, со интактна еугната оклузија, ортодонтски не третирана, без видливи вродени или стекнати деформации во испитуваната регија, на возраст од 22-25 години. Применет беше биометриски метод на истражување Martin и Saller. Мерени беа вредностите на параметрите: висината долната третина на лицето или растојанието од subnasion до gnathion (слика 1.а) и растојанието од бипупиларната линија до линија на усната цепка (сллика 1.б), ширината на усната цепка (слика 2.а) и растојанието од labrale superior до gnathion (слика 2.б).

За мерење користевме лизгачки линијар со точност од 0,05 mm.

Слика 1. *Метод по Willis*
а) висина на долната третина на лицето б) растојание од бипупиларната линија до линија на усната цепка



Сллика 2. *Метод по Бојанов*
а) ширина на усната цепка, б) растојанието од labrale superior до gnathion



Податоците беа обработени и споредувани со помош на математичко-статистичка анализа.

При анализата за идентични ги сметавме оние параметри чија разлика беше до 2 mm а за различни тие кои покажуваа разлика поголема од 2 mm.

Резултати и дискусија

Табела 1. *Вредности и споредување на испитуваните параметри и нивните статистички показатели*

Параметри	Пол	X	SD	CV%	T-тест
sn - gn	м	69.83	5.11	7.78	S
	ж	63.11	4.91	7.32	
pupilla - ch	м	68.17	4.85	4.72	S
	ж	62.27	2.94	7.12	
ch - ch	м	48.97	4.03	2.28	S
	ж	47.58	3.46	8.22	
ls - gn	м	56.26	5.46	7.73	S
	ж	51.31	3.97	9.70	

S - сигнификантно; **NS** - не е сигнификантно

Сите фацијални параметри кои се употребуваат во методот на Willis и Бојанов покажуваат значајна разлика помеѓу половите.

Табела 2. *Вредности на разликите на меѓусебните односи на испитуваните параметри и нивните статистички показатели*

Параметри	Пол	X	SD	T-тест	p
(ch - ch) - (ls - gn)	м	-7.29	6.88	S	-0.03
	ж	-3.73	5.69		0.19
	м	0.84	5.25	NS	0.20
(pupilla - sh) - (sn - gn)	ж	1.66	6.31		0.18


S - сигнификантно; **NS** - не е сигнификантно

Раликите на вредностите помеѓу параметрите ширина на усна цепка и растојание од labrale superior до gnathion покажуваат значајна разлика помеѓу половите, а разликите на долната третина на лицето и растојанието од интерпупиларната линија до усната цепка не покажуваат значајни разлики помеѓу половите.


Испитуваните параметри не покажуваат значајна корелативната поврзаност.

Слика 3. *Структура на совпаѓањето помеѓу растојанието од labrale superiot и ширината на усната цепка: а) мажи б) жени*

а)




б)



Совпаѓање помеѓу растојанието од labrale superiot и ширината на усната цепка според методот на Бојанов најдовме само кај 9% мажи и 13% жени. Усната цепка е поголема кај 13% мажи и 15% жени а помала кај 78% мажи и 72% жени од испитаниците (слика 3. а и б).

Слика 4. *Структура на совпаѓањето помеѓу растојанието од бипупиларната линија до линијата на усната цепка и долната третина на лицето*



Растојанието од бипупиларната линија до линија на усната цепка е идентично со долната третина на лицето, кај 22%, долната третина на лицето е помала од растојанието од бипупиларната линија до линија на усната цепка кај 33%, а поголема кај 45% од испитаниците (слика 4).

Употребата на биометриските методи во протетичката реконструкција, е мотивирано пред сé од потребата за изнаоѓање на изворната естетика и хармонија на лицето. Меѓутоа сите методи не даваат задоволителни резултати. За таквата состојба придонесува и некритичниот однос на авторите при прогласувањето на самите методи. Имено, има методи кои не се базираат врз релевантна (задоволителна) математичко-статистичка анализа, туку за основа ги имаат само карактеристичните односи на нивните средни вредности. Затоа императивно се наметнува потребата за оценка на употребната вредност на биометриските методи пред да се применат кај одредена популација.

Врз квалитетот на вредностите на биометриските показатели влијание имаат повеќе фактори. Според Fourteau, компресијата во долната тетина на лицето која е забележна од повеќе автори, проблемот на дефинирањето на точката gnathion, разликите кои се јавуваат при мерењето, бидејќи не се мери во иста рамнина, мешањето на расите и етничките групи како и други бројни фактори кои имаат влијание на растот и развитокот, сугерираат исто така повремена оценка на употребната вредност на биометриските показатели.

Споредувањето на добиените резултати со на нив еквивалентните од литературата покажа дека тие се со послаб квалитет од прокламираните односи. Резултатите потврдија само констатацијата на Бојанов дека нема значајна разлика помеѓу половите при примена на неговиот метод.

Ако ги анализираме односите на параметрите употребувани во методот на Willis ќе констатираме дека кај мажите имаме еднаквост кај 22% од испитаниците. Вака нискиот процент на совпаѓање укажува дека совпаѓањето е или случајно или е условено од други фактори, а не од меѓусебната поврзаност на параметрите. Ваквата претпоставка е подржана и од вредноста на коефициентот на корелација за меѓусебната поврзаност на употребуваните параметри (таб.2).

Мало меѓусебно совпаѓање покажаа параметрите употребени во методот на Бојанов. На тоа укажуваат и незначителните коефициенти на корелација (кај мажите -0,05 и кај жените 0,33). Еднаквоста е застапена само кај 9% мажи и 13% жени од испитуваната група. Според тоа, со примената на овој метод за реконструкција на вертикалната релација кај нашата испитувана група, кај 78% мажи и 72% жени од испитаниците таа ќе биде намалена, кај 13% мажи и 15% жени вертикалната релациај ќе биде поголема и кај 9% мажи и 13% жени ќе биде адекватна. Според тоа кај пациенти кои подолго време имале несанирана тотална беззабост, се сугерира намалена вертикална релација, методот на Бојанов може да биде применет. Во сите случаеви каде тонусот на мускулатурата е очуван, каде предност и се дава на естетиката и хармонијата, овој метод може да биде само еден од помошните методи.

Анализата на дистрибуцијата на вредностите на разликите од испитуваните параметри покажа дека разликите се големи и се адекватни на корелативната поврзаност на употребуваните параметри, која е под значителното ниво.

Заклучок

Анализирајќи ги вкупните сознанија од нашето испитување и литературните податоци можеме да се согласиме дека на анализираните биометриски методи им недостасува значајна статистичка подршка. Затоа нив можеме да ги употребуваме како помошни методи при реконструкцијата на меѓувиличните односи заедно со други методи физиолошки и естетски, со кои взаемно ќе се надополнуваат.

EVALUATING THE USAGE VALUE OF WILLIS' AND BOJANOV'S METHODS IN OUR POPULATION

Abstract

The authors of this paper attempt to analyze the usage value of Willis' and Bojanov's biometrical methods in 158 participants from both genders chosen according to previously set criteria. The values measured were those of the following parameters: length of the lower third of the face, distance between sn-gn, pupilla-ch, ch-ch, and ls-gn. Out of all parameters used in Villis' and Bojanov's method, the differences between the parameters pupilla-ch and sn-gn are the only ones that do not reveal a significant gender difference. 22% of the participants showed equal distance between the bipupillar line, the chellion - chellion line, and the lower third of the face. The lower third of the face is smaller in 33% and larger in 45% of the participants.

Matching ls-gn and ch-ch distances according to Bojanov's method were detected only in 9% men and 13% women. The chellion - chellion line is bigger in 13% men and 15% women, and smaller in 78% men and 72% women.

The analyzed biometrical data lack considerable statistical support; therefore one can only use them as subsidiary methods in the reconstruction of interjaw relations.

Key words: *complete denture, interjaw relations, vertical relation, face, antropometry.*

Conclusion

The analysis of the overall findings of the present research as well as those found in the relevant bibliography points to the fact that the analyzed biometrical methods lack substantial statistical support. Therefore, one can only use them as subsidiary methods in the reconstruction of interjaw relations alongside with other, mutually reinforcing, physiological and aesthetic methods.

Литература

1. Брановачки Д., Соколовић Б. *Тотална зубна протеза*. Градина, Ниш, 1980.
2. Fourteau P., Lussac J.,David J.,Duprat B. *Les moyens de contrple morphologiques ont-ils toujours leur place dans lsa determination de la dimension verticale lors du traitement des edentations totales?* 4e Coloque Europeen sur le traitement edentations totales. Societe internationale de stomatologie.Marseille,1987: 147-151.
3. Курляндскиí Б.Á. *Ортопедическаà стоматологиà*. Medicina, Moskva, 1969.
4. Lejoyeux J. *Prothese complete*. Maloine, Paris, 1967.
5. Murrell GA. *Complete denture esthetices*. Dent Clin North Am 1989; 33 (2): 145-55.
6. Stanišić D. *Biometrijski pokazatelji položaja zuba u protetskoj terapiji mobolnim protezama,* 1 deo: *Pojam i značaj biometriske koncepcije u protjetskoj terapiji.* Stomatol Gl Srb 1984; 31(50): 413-9
7. Suvin M. Biološki temelji protetike: Totalna proteza. Skolska knjiga, Zagreb, 1984.
8. Valete C. *Determination de la dimension verticale.* 4e Coloque Europeen sur le traitement edentations totales. Societe internationale de tomatologie. Marseille, 1987: 65-72.

616.98 : 579.841.93]-036.22(497.7)„1980/2009“

Проф. д-р **Б. НИКОЛОВСКИ,**
М-р **Ј. МАРКОВ,** пом. асс. **М. СТОЈАНОСКА,** пом. асс. **Е. РАДЕВСКА,**
Пом. асс. **С. ДЕЈАНОСКА,** пом. асс. **М. СТАМЕНКОВСКА**

ЕПИДЕМИОЛОШКИ ОСВРТ: 30 ГОДИНИ СО БРУЦЕЛОЗА

Апстракт

Бруцелозата претставува зооноза со висок ризик за луѓето. До 1980 година оваа болест ретко се регистрираше во Република Македонија. Во периодот од 1980 до 2009 година беа регистрирани речиси 11.000 случаи, со годишен морбидитет од 20 на 100.000 (Радовиш 870 и Валандово 725 на 100.000). Во изминатите 30 години ова заболување предизвика сериозни медицински, ветеринарни и финансиски проблеми. Здравствената служба своите првентивни мерки ги насочи кон 3 целни групи: населението, фармерите и кон лица со релевантни професии: сточари, ветеринарни работници, касапи, чобани, домаќинки кои одгледуваа добиток и слично. Преземените мерки од страна на ветеринарната служба не беа адекватни, состојбата се држеше во тајност, а со тоа и Програмата за сузбивање не беше реализирана.

Клучни зборови: *Бруцелоза, зооноза, епидемиологија, ветеринарна служба, овци, кози, превенција*

Вовед

Во многу земји во светот бруцелозата е ендемска болест. Региони каде бруцелозата често се среќава се Медитеранот, Блискиот и Средниот Исток, Латинска Америка. Од шесте типа од родот *Brucella* за човекот се патогени четири: *Brucella melitensis, Brucella abortus, Brucella suis* и *Brucella canis*. Најпатогена е *Brucella melitensis*, чиј природен домаќин се овците и козите. Природен домаќин за *Brucella abortus* се говедата, за *Brucella suis* свињите, а за *Brucella canis* кучињата. Можна е нивна миграција од природните домаќини на друг добиток.

Бруцелозата спаѓа во групата на болести наречени зоонози. Зоонозите се примарни заболувања кај животните од кои во одредени околности заболуваат и луѓето. (Николовски Б. 2003, 289) Ризикот од можно заболување некогаш е поголем накогаш помал. Најчесто зависи од

интензитетот на болеста кај животните и од карактерот на заболувањето. Бруцелозата е зооноза со голем ризик за луѓето и додека ја има кај добитокот ќе ја има и кај луѓето. Оттука примарно за превенцијата и контролата на бруцелозата кај луѓето е таа да се сузбие кај добитокот. (Соколовски Б. и др. 1999, 39: Corbel MJ et al. 2006*)*

Оние кои имаат искуство со оваа болест знаат дека многу е полесно, поедноставно и поекономично да се спречи внесувањето на бруцелозата во некоја земја, регион, општина, населено место, сточарска фарма или стадо отколку да се сузбива оваа олест. Многу авторитети во некои земји или региони прекасно се соочуваат со оваа констатација. Сузбивањето на бруцелозата и нејзино ставање под контрола е многу тешка, долготрајна и скапа активност која мора да се води систематски и која не секогаш ги дава очекуваните резултати. Тоа особено се однесува на сузбивањето на бруцелозата на овците и козите. И додека некои земји, како Канада, Австралија, Велика Британија и др. Преку повеќегодишна упорна и скапа работа успеале да ја ерадицираат бруцелозата кај говедата, не постои пример во светот некоја земја да ја ератицирала бруцелозата кај овците и козите. (Соколовски Б. и др. 1992, 155).

Република Македонија е пример каде горенаведените констатации ги почуствува на најлош начин. Овие лоши искуства создаваа големи економски, здравствени и социјални проблеми во сиот овој период и се повеќе се оддалечувавме од моделот на успешна контрола над бруцелозата.

Цел

Целта на овој труд е преку анализа на епидемиолошката состојба со бруцелозата и на мерките на превенција и контрола да се даде критички осврт за причините за нејзината појава и ширење во Република Македонија**.**

Материјал и метод

Користени се епидемиолошките анкети кои се пополнуваат за секој заболен од бруцелоза преку кои се анализира се прикажува епидемиолошката состојба со бруцелозата во Република Македонија во изминативе 30 години.

Со анализа на службените документи на Министерството за здравство и Министерството за земјоделие како и други документи и објавени трудови ќе се прикаже епизоотолошката состојба и ќе се даде критичка анализа на мерките кои беа преземени во сузбивањето и контролата на болеста.


Резултати и дискусија

Република Македонија географски припаѓа на Медитеранот, но до 1980 година бруцелозата ретко се регистрираше. Од завршувањето на Втората светска војна до 1979 година вкупно беа регистрирани 14 заболени, а лекарите немаа искуство со ова заболување. Во 1980 година се јавува епидемија од оваа болест кај луѓето предизвикана од Бруцелла мелитенсис.

Во 1980 година во општината Битола започнува епидемиско јавување кога се регистрирани 104 заболени. Болеста не е навреме препознаена, дури по четири месеци од почетокот на епидемијата, а во тој период болните беа лекувани под други дијагнози. Истата година имаше уште осум случаи во регионите Кавадарци и Неготино. Наредната година болеста беше регистрирана само во регионот Битола со 112 заболени. Во следните две години се намалува бројот на заболени, но после тоа болеста се проширува на другите региони и во наредните десетина години ја зафаќа целата територија на Република Македонија.


Во текот на изминативе 30 години заболеа преку 11.000 луѓе со просечен годишен морбидитет од околу 20 заболени на 100 000 население. (Годишни извештаи , ИЈЗ, 1980-2009) Најинтензивен епидемиски процес се одвиваше во периодот 1989-1998 година. (слика 1).

Слика 1. Бруцелозата во Република Македонија 1980 - 2009 година.




Најголем број на заболени беше регистриран во 1992 година кога имаше 907 заболени, а инциденцата изнесуваше 44,2 на 100.000 население. Особено интензивни епидемии имаше во регионите Радовиш и Валандово. Во 1991 година во редионот Радовиш беше регистрирана инциденца од 874,1 на 100 000.Во овој регион, во текот на траењето на епидемија заболе 6,7% од населението. Во регионот Валандово во 1990 година инциденцата изнесуваше 725,0 на 100 000 (Николовски Б. 2006, 288). (слика 2).

Слика 2. Интензитетот на бруцелозата во РМ 1980 - 2002 година по општини МВ 1: 100.000




Анализирани се епидемиолошките показатели на бруцелозата во Република Македонија. Селското население четири пати почесто заболуваше од градското, а мажите трипати почесто од жените. Дури 50% од сите заболени беа мажи од село, а само 7% беа жени од град. (слика 3).

Слика 3. Заболување од бруцелоза спрема полот и местото на живеење



Во некои села беше регистрирана екстремно висок морбидитет, а годишната инциденца изнесуваше и 20% од целокупната популација. Особено висока инциденца имаше во селата со т.н. јуручко население од турско етничко потекло. Инциденцата во тие села беше неколку пати повисока од инциденцата во соодветниот регион. (слика 4).


Слика 4. Застапеност на бруцелозата во селата од југоисточниот дел на Р. Македонија 1986-2002



Познато е дека бруцелозата е професионална болест и најчесто заболуваа луѓе кои или се бавеа со сточарство или на некој начин имале контакт со добиток или нивни производи (Николовски Б. и др. 1999, 182).


Меѓу професиите најчести беа сточари, домаќинки кои одгледуваа добиток, ветеринарни работници, касапи, чобани и слично. Истражувањата кои ги вршевме во две кланици покажаа дека во кланицата во која колењето на добиток беше после серолошко тестирање немаше заболени и серо позитивни. Во кланицата каде вакво тестирање не се вршеше 10% од работниците беа серо позитивни на бруцелоза, а меѓу нив имаше и заболени. Професионалниот карактер на бруцелозата ја определува и возрасната структура на населението при што возрасната популација повеќе заболува. Иако во повеќето други земји најзасегната е возраста од 20-50 години (Corbel MJ 1999, 35), кај нас најчесто заболуваа луѓето преку 50 години. Ова разлика е поради фактот што во нашата земја постарата популација се бави со чување и нега на добитокот. Најмал број на заболени имаше во возрасната група до 10 години иако бројот од преку 800 заболени деца во тек на овие 30 години е сериозна бројка. (слика 5).

Слика 5. Просечен годишен морбидитет по возраст




Тешко е со сигурност да се одреди начинот на заразување и ние кај околу 43,1% од заболените не можевме да го одредиме. За оние случаи за кои со голема вероватност го утврдивме начинот на заразување, кај близу 33,8% податоците од епидемиолошката анкета укажуваа за контактен начин на заразување, а кај 23,1% за алиментарен (Соколовски и др. 1994, 69). (слика 6).

Слика 6. Начин на заразување



Бруцелозата во Република Македонија имаше изразито сезонско јавување. Најголем број на заболени се регистрираше во текот на месеците април, мај и јуни. Повеќе од половината од сите заболени заболеле во овие три месеци. (слика 7).

Слика 7. Бруцелозата во Република Македонија 1980-2002 година
Дистрибуција по месеци



Сезоната на овој тип на бруцелоза е детерминирана со репродуктивниот циклус на овците.

Превенцијата и контролата на бруцелозата е доста тежок и сложен процес и потребна е заедничка активност на здравствената и ветеринарната служба. Мерките кои ги спроведува здравствената служба, во отсуство на ветеринарни мерки, не може да доведе до значајно намалување на морбидитетот од оваа болест. Ако појдеме од епидемиолошките карактеристики кои ги изнесовме може да констатираме дека мерките во контролата на бруцелозата здравствената служба треба да ги насочи кон три субјекти: кон населението, кон сточарите и кон одредени професии. Овие активности не можеа во почетокот во потполност да се реализираат поради тоа што државата не дозволуваше да се објави дека во Републиката има бруцелоза. Покасно овие мерки успешно се спроведуваа. Населението беше запознавано со карактерот на болеста, начинот на ширење и како да се заштитат од заразување. Посебно внимание беше посветено на сточарските фамилии кои беа запознавани кога треба да се посомневаат дека во нивното стадо има бруцелоза, како безбедно да работат со добитокот, кои активности се особено ризични, како да го припремаат белото сирење и сл. Едукацијата на населението и сточарите одеше преку изготвени агитки и преку предавања и разговори кои беа организирани во зафатените села. Со овие активности беа опфатени и некои професии како касапи, чобани, кожарски и волнарски работници и др.

Веќе спомнавме дека основно во превенцијата и контролата на бруцелозата се ветеринарните мерки кои првенствено треба да спречат внесување на болеста на една територија односно во едно стадо, а ако до тоа дојде, болеста да ја стават под контрола. Предпоставките за начинот на внесување на бруцелозата во Република Македонија укажуваат и на пропустите кои се направени. Најверојатно бруцелозата е внесена во 1971 година со купување на овци од Израел. Биле увезени 2.500 грла, а од нив 67 биле позитивни на бруцелоза уште во карантинот. Ова е првиот голем пропуст бидејќи е дозволено да се увезе инфицирано стадо. Бруцелозните грла се убиени, а стадото е продадено на неколку фарми во државата, што е втор, уште поголем пропуст. Веќе од 1975 година на една воена фарма близу Неготино се регистрира зголемен број на абортуси (од 5-8% годишно), за да во 1978 се потврди дека се работи за бруцелоза. Истата година уште во три фарми, од кои беа набавени овците за воената фарма, беше откриена бруцелоза, Во 1979 година бруцелозата е откриена во четири општини (Соколовски и др. 1994, 69).

Може да се констатира дека десетина години Македонија имала бруцелоза кај овците во некои стада но не беа преземани никакви мерки, а состојбата се држеше во тајност. За тоа не знаеа сточарите, лекарите, па дури ни ветеринарите. Затоа кога во 1980 година започна епидемијата на бруцелоза во општината Битола, дијагнозата беше поставена по четири месеци од нејзиниот почеток. Од јануари до мај близу 40 болни беа лекувани

под други дијагнози. Долго и после ова лошо искуство бруцелозата беше држана во тајност што ги лимитираше мерките на превенција и контрола. Лекарите не знаеа дека во државата има бруцелоза кај добитокот поради што голем број случаи на хумана бруцелоза не беа на време дијагностицирани.Една анализа од 1987 и 1988 година покажа дека дури кај 50% од заболените беше поставена по еден месец од заболувањето, а кај 20-25% имаше хроницитет на болеста. Друга анализа покажа дека кај 11,7% од заболените во периодот 1980-1982 година се јавиле рецидиви на болеста, што е невообичаено висока бројка.

По откривањето на епидемијата во Битолско ветеринарната служба започна поинтензивни активности и мерки за сузбивање. Таа година, секаде каде ќе се откриеше бруцелоза се колеше целото стадо, при што беа заклани неколку илјади грла. Меѓутоа, ефектите беа скоро никакви, бидејќи следната година беше регистриран поголем број на заболени луѓе, а беше откриен три пати поголем број на позитивни грла. Од наредната година се започна со селективен пристап во сузбивање на бруцелозата, при што колењето на цело стадо се применуваше само кога бројот на позитивни грла во стадото надминуваше 20%. Само за три години во општина Битола беа уништени преку 11.000 овци. И во наредните години беше направена огромна штета, а бројот на заболени луѓе нагло се зголеми. Беше формирана меѓуресорска комисија по чија препорака беше изготвена Програма за сузбивање на бруцелозата. Програмата почна да се применува од 1988 година, а за почеток требаше да се сними постоечката состојба, со тоа што во текот на првите две години требаше да се прегледат сите овци и кози во Република Македонија. И додека во првата година беа прегледани околу 50% од овците и козите, поради немање финансиски средства но и поради некои други причини, следната година не се реализираа во потполност предвидените активности. Имаше и други недоследности во реализација на Програмата како:

- Немање стратегија за начинот на кој ќе се сузбива бруцелозата
- Не беа спроведувани главните мерки од предвидениот начин на сузбивање
- Не беа изолирани незафатените региони, населби и стада
- Не се работеше систематски со “чистење” на стадата и населбите и нивна изолација
- Не беше ставена под контрола купопродажбата и движењето на стадата и др.

Од тие причини Програмата не даде никаков резултат или подобро кажано таа во суштина и не се реализира. Во наредните години бруцелозата кај луѓето достигна максимум во овој 30 годишен период. (слика 1).

Непревземањето на соодветни противепизоотски мерки доведе до ендемизација на болеста во земјата (Николовски Б. и др. 2002, 48; Nikolovski B. et al. 2003, 68). Иако од изнесеното може да се насетат причните за ширењето на бруцелозата и отсуството на резултати во нејзиното сузбивање и контрола, сепак ги издвојуваме најзначајните:

- ненавременото откривање на бруцелозата имаше значајна улога во ширењето на болеста. Тоа не се однесува само на внесувањето на бруцелозата во земјата туку и подоцна со задоцнување се откриваше дека во некое стадо или регион има бруцелоза
- начинот на сточарење без контрола во движењето на стадата и особено без контрола на купопродажбата. Дел од стадата со почетокот на пролетта се селеа на летните пасишта, а со доаѓање на зимата се спуштаа во низините. На тие летни пасишта доаѓаше до мешање на стадата. Од друга страна купопродажбата беше надвор од контрола па се случуваше да преку ноќ се продаваа стада во кои се знаеше или се сомневаше дека има бруцелоза
- статусот на козите до крајот на осумдесетите години придонесуваше за ширењето на бруцелозата. Долго време со закон беше забрането чување на кози, но некои домаќинствата чуваа кози но ги криеа и ветеринарната служба немаше увид во нивната здравствена состојба
- долго време се држеше во тајност дека во Република Македонија има бруцелоза што ја отечнуваше превенцијата и контролата
- неадекватните противепизоотски мерки како и нереализацијата на Програмата резултираше со нагло ширење на болеста кај овците и козите, како и драстично зголемување на бројот на заболени луѓе.
- недоволни финансиски средства, а во одредени ситуации и нивно нерационално трошење дополнително создаваше услови за ширење на болеста
- карактерот на овој тип на бруцелоза за кој е познато дека тешко се сузбива. Но иако нема успешни примери за ерадикација на овој тип, постојат земји каде болеста е ставена под контрола (Garin-Bastuji B. et al. 1998, 255).

Заклучок

Бруцелозата во Република Македонија во овие 30 години имаше интензивен епидемиски тек.

После неколку години од нејзината појава, земјата од чиста територија стана ендемска за оваа болест.

Непреземањето прави и навремени мерки од страна на државните авторитети и ветеринарната служба се главните причини за ваквата состојба со бруцелозата.

EPIDEMIOLOGICAL REVIEW: 30 YEARS LIVING WITH BRUCELLOSIS

Abstract

Brucellosis is a high risk zoonosis for humans. Until 1980 this illness virtually did not exist in the Republic of Macedonia. During the period from 1980-2009 approximately 11.000 human patients were registered, with an annual average of morbidity of 20 per 100,000 (Radovis 870, and Valandovo 725 on 100,000). During the past 30 years this disease caused serious medical, veterinary, and financial problems. The health service directed its preventive measures towards three target groups: the general population, the farmers, and those engaged in relevant professions. The measures taken by the veterinary service were inadequate; the condition was held secret, and the Brucellosis Eradication Programme was thus left unfinished.

Key words: *Brucellosis, zoonosis, epidemiology, veterinary service, sheep, goats, prevention*

Conclusion

Brucellosis in the Republic of Macedonia in the past 30 years took a mounting epidemiological course. Several years after the outbreak, the country turned from clean to endemic territory with regards to this disease. The failure of the state authorities and the veterinary service to take appropriate and timely measures are considered to be the main reasons behind this condition of brucellosis.

Литература

1. Corbel MJ. et al.: Brucellosis in humans and animals, WHO, 2006, Geneva.
2. Corbel MJ: Brucella, in Topley and Wilson's Microbiology and microbial infection, 9-th ed.Chapter 35, Volume 2, Arnold, 1999, London.
3. Garin-Bastuji B., JM Blasco, M. Grayon, JM Verger: Brucella melitensis infection in sheep: present and future, Veterinary Research, 29 (3-4): 255-74, 1998.
4. Николовски Б., Г. Шуманов, Б. Соколовски, С. Стојковски: Бруцелозата - професионална болест во Република Македонија, 15-ти Конгрес на лекарите на Македонија, Мак.мед. преглед, 53 (Суплемент 39), 182, 1999.
5. Николовски Б., Марков Ј., Шуманов Ѓ., Стојковски С., Талески В.: Бруцелоза - ендемска болест во Република Македонија, Мак. мед. преглед, 2002, 55 (Суплемент 50), 48-49.
6. Nikolovski B., Taleski V.,Stojkovski S., Sumanov Gj.: From territories free from brucellosis to endemic region, 5-th European congress of chemotherapy and infection,, 68-69, Rhodes, 2003.
7. Николовски Б.: 25 години бруцелоза во Република Македонија, Трет конгрес за превентивна медицина на Македонија, Охрид, 2006, Зборник на резимеа, 288.
8. Николовски Б.: Епидемиологија, 289-95, Напредок, 2003, Тетово.
9. Соколовски Б., Б. Николовски, А. Ангелески: Бруцелозата и нејзините карактеристики во Република Македонија, Центар на воениздравствени установи, 1994, Скопје.
10. Соколовски Б., Б. Николовски: Бруцелоза, Нова книга, 1992, Скопје.
11. Соколовски Б., Б. Николовски: Зоонози, Монографија, Напредок, Тетово, 1999.
12. Годишни извештаи за дижење на заразните болести, Институт за јавно здравје, Скопје.

616.314.77

Проф. д-р **К. ДЕЈАНОСКИ** [1], Пом. асс. **С. ДЕЈАНОСКА** [1],
Т. ДЕЈАНОСКА [2], **С. КИТАНОСКА** [3]

ВЛИЈАНИЕТО НА ДЕНТАЛНИТЕ АТХЕЗИВИ ВРЗ РЕТЕНЦИЈАТА И СТАБИЛИЗАЦИЈАТА НА ТОТАЛНИТЕ ПРОТЕЗИ

Апстракт

Атхезивните средства се натоксични и индиферентни кон оралната лигавица и кон материјалите од кои се изработуваат мобилните протези. Наша цел беше клинички да ги согледаме ефектите од нивната примена. Испитувањето беше направено кај 18 носители на тотални протези, од кои 18 во горната и 15 во долната вилица. Користен е виличниот атхесив COREGA FIX & FEST според приложеното упатство на производителот. За оцена на ретенцијата на протезите беше употребена модифицираната скала по Kapoor. Оценката беше направена 3 часа после апликација на адхесивот. Анализата на резултатите покажа сигнификантно подобрување на ретенцијата и стабилизацијата, особено кај горните тотални протези. Субјективната оценка на испитаниците е дека тие посигурно ги чувствуваат протезите. Негативни резултати имавме само кај три испитаници.

Атхезивите само можат да ја подобрат, но никогаш да ја обезбедат ретенцијата на тоталната протеза.

Клучни зборови: *Атхезивни средства, тотални протези, ретенција, стабилизација, мастикација.*

Вовед

Оралните ткива врз кои лежи тоталната протеза имаат и различно позитивно или негативно влијание врз остварувањето на функциите на тоталната протеза. Некои од нив или нивни делови учествуваат повеќе во ретенцијата, а други во стабилизацијата на тоталната протеза.

Ретенцијата кај тоталната протеза се постигнува со обезбедување на услови за дејствување на физичките ретенциони сили (површинскиот напон,

[1] Факултет за стоматологија - ЕУРМ
[2] ПЗУ. DENTAL INTERNATIONAL - Скопје
[3] ПЗУ. ПРОТЕТИКА - Скопје

вискозноста, атхезијата, кохезијата, вентилниот ефект и атмосферскиот притисок), како и оние сили кои се развиваат со правилно екстендирање на границите на идната тотална протеза се додека тие не достигнат до неподвижните ткива.[4,5,6]

Обезбедувањето доволна големина на протезна база значи добивање удоволно количиество потпротезно ткиво кое ќе обезбеди интимно налегнување на протезата врз потпротезните ткива и ќе направи оптимални услови за делувањето на ретенционите сили. Од тој аспек голема е улогата на отпечатокот бидејќи тој треба да обезбеди оптимална екстензија на базата која врз биолошки основи, да обезбеди интимен контакт на максимална површина на базата на протезата и оралните ткива со што физичките фактори (атхезија, кохезија и површински напон) добиваат максимални услови за дејствување.[7,8]

Беззабната горна вилица најчесто нуди поповолни услови за ретенција на тоталната протеза, пред сé поради својата површина, освен ако нема пообемни нарушувања на интегритетот на коскениот фундамент.

Обезбедување на задоволителна ретенцијата и стабилизацијата на долната протеза е многу посложен процес. Тоа произлегува од специфичната положба на долната вилица во многу динамичката средина опкружена со лабио-букалниот и јазичниот мускулен комплекс, нејзиниот потковичест облик, помалата протезна површина, близината на активните елементи до алвеоларниот гребен, варијациите на подјазичниот простор и големите разлики на отпорноста кон оптоварување на долниот алвеоларен продолжеток.

Поради споменатите специфичности за ретенција и стабилизација на долната тотална протеза доминантна улога имаат взаемните односи помеѓу тоталната протеза и околните активни ткива. Физичките фактори на ретенцијата само ќе ја помогнат стабилноста на долната тотална протеза во облик во кој тие ќе бидат применливи.

Во литературата преовладува мислењето дека за стабилноста на долната тотална протеза позначајни се односите на протезата и околната мускулатура т. н . "мукодинамичка положба" на долната тотална протеза.[9]

---

[4] Barbenel J.C. *Physical retention of complete dentures*. Journal of Prosthetic Dentistry 1971; 26: 592-600.

[5] Boucher C.O., Hickey J.C., Zarb Ga. *Prosthodontic treatment for edentulous patients.* 7th ed The Mosby Comp, Saint Luis,1975.

[6] Murray M.D., Darvell B.W. *A reappraisal of the physics of denture retention.* Int J Prosthodont 1989; 2: 234-242

[7] Krstić M., Petrović A., Stanišić-Sinobad D., Stošić Z. *Stomatološka protetika: totalna proteza.* Dečje Novine. Gornji Milanovac, 1991.

[8] Lejoyeux J. *Protese complete* (3th ed) Tome 3. Malone, Paris, 1986.

[9] Suvin M. *Biološki temelji protetike: Totalna proteza*, Školska knjiga, Zagreb, 1984.

Протезата нема ретенција, но секогаш е во центарот на динамиката на околните ткива. Пациентот се навикнува на таа динамичка положба, со јазикот, усните и образите ја корегира положбата на протезата, и укажува дека има задоволителна функција. Меѓу дополнителните средства за ретенција на тоталната протеза се препорачуваат денталните атхезиви.[10,11,12,13]

Атхезивни средства

Атхезивните средства на денталниот пазар ги има како атхезивни прашоци или желе пасти. Тие не се токсични, идиферентни се кон оралната лигавица и материјалите од кои се изработува тоталната протеза и лесно се испират.

Основа на составот на атхезивите

Уште пред 60-тите години за основа се употребувале растителни гуми (караја, трагацант, ксантан и акација).[14] Поради слабото дејство во последно време тие се напуштаат. На пазарот доминираат синтетички материјали. Најуспешните се состојат од лесно растворливи материјали со кратко адхезивно дејство (карпоксиметил целулоза или "КМЦ") и полимери со долготрајно дејство (поливинил-метил етер, малеат или гаутрез) или поливинилпилоридон (providone). Поголем ефект имаат адхезивите кои содржат калциум-цинк-gautrez.

Други елементи се петролатум, минерално масло и полиетилен оксид кои ги поврзуваат останатите елементи. Содржат уште ментол и пеперминт масла кои го даваат вкусот и црвената боја.

Механизам на дејство:

- Ја зголемуваат вискозноста на течноста (флуидот) под протезата, со што се понагласуваат силите на површинскиот напон, атхезијата и кохезијата. Меѓутоа зголемувањето на вискозноста и густината само до одреден степен придонесува за ретенцијата.

[10] Hasegawa S. et al. Effect of denture adhesive on stability of complete dentures and the masticatory function. J Med Dent Sci, 2003; 50(4): 239-247.

[11] Tallgren A. *The continuing reduction of the residual alveolar ridges in complete denture wearers: A mixed-longitudinal study covering 25 years.* Journal of Prosthetic Dentistry 1972; 27: 120-132

[12] Devlin H, Ting K. and Nishimura I. *Current perspectives in residual ridge remodeling and its clinical implications*: A review. Journal of Prosthetic Dentistry, 1998; 80: 224-237.

[13] Atwood D.A.. and Coy W.A. Clinical, cephalometric, and densitometric study of reduction of residual ridges. Journal of Prosthetic Dentistry 26: 280-295.

[14] Grasso J. et al.. *Effect of denture adhesive on retention of the mandibular and maxillary dentures during function*. Journal of clinical dentistry, 2000; 11(4): 98-103.

- Ги елиминирааат односно ги пополнуваат празните места помеѓу оралната лигавица и површината на протезата, со што се подобрува контактот на протезата со оралната лигавица.
- Се лепат на површината на протезата и оралната лигавица.

Атхезивите се лесно растворливи во вода и плунка, особено во присуство на топлина, поради што тие се испираат и елиминираат од устата.

Индикации за примена на атхезивни средства:

- за зајакнување на ретенцијата на тоталната протеза;
- за полесно прифаќање и адаптирање на протезата;
- кај особи со ксеростомија за да ја надоместат плунката и да ја заштитат оралната лигавица. Но откако ќе се аплицира атхезивот треба да се навлажни со вода за да се раствори бидејќи пациентот нема доволно плунка. Кај сува и тенка лигавица (ксеросепомија) површината е во непосреден контакт со тенката орална лигавица без медијатор (плунка), кој ќе ја врши улогата на подмачкување за да се намали триењето, поради што се јавуваат чести механички оштетувања.
- нечуствителност на оралната лигавица и орофацијална дискинезија (нарушување на движењето), поради церебро-васкуларни оштетувања, како несакан ефект на некои медикаменти и други причини.
- после орално-хируршки интервенции.

Не треба да се препорачува за ретенција на несоодветно ретинирани тотални протези. Атхезивите можат само да ја подобрат но никогаш во потполност да ја обезбедат ретенцијата на тоталната протеза.
Употреба на атхезивните средства: Пастите се ставаат во мали количини 0,5 - 1,5 грама на лигавичната површина на протезата, по средина на алвеоларниот гребен, а кај горната се става и фарингеално.

Прашоците, се посипуваат на навлажнета протеза , потоа вишокот се истресува и се става во уста. Кај сува уста задолжително повторно се навлажнува, а потоа се става во уста.

Атхезивните средства мора секојдневно да се отстрануваат со испирање со топла вода или оставање преку ноќ во вода да се раствори. Можат да се чистат и со четка.

Постојат голем број на истражувања кои се однесуваат на ефектот на атхезивите врз квалитетот на функциите на тоталната протеза.

Mutlu Ö. и сораб. утрвдиле дека атхезивните стредстава ја подобруваат ретенцијата на тоталните протези за повеќе од 6 часа. [15]

[15] Mutlu Özcan et al. *The Effect of a New Denture Adhesive on Bite Force Until Denture Dislodgemen.* Journal of Prosthodontics 2005; 14 (2): 122-126.

Cees de Baat и соработниците во меѓународната студија за ефектот на атхезивите заклучиле дека со нивна употреба се подобрува ретенцијата, стабилизацијата и севкупниот џвакален ефект.[16]
Jason J.P. et al нашле подобрување на ретенцијата на долната тотална протеза кај 60-70% од испитаниците.[17]

ЦЕЛ


Цел на испитувањето беше да ја согледаме ефикасноста на денталните адхезиви врз ретенцијата и стабилизацијата на тоталните протези**.**

Материјал и метод

Кај 18 носители на тотални протези од кои 18 имаат протеза во горната и 15 во долната вилица, користен е виличниот атхесив COREGA FIX & FESTT, според приложеното упатство за употреба. За оцена на ретенцијата на протезите беше употребена модифицираната скала по Kapoor, оцената беше направена три часа по апликацијата на адхесивот.

РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА


Сл.1: Ретенција на горна тотална протеза пред и по третман



[16] Cees de Baat et al.An international multicenter study on the effectiveness of a denture adhesive in maxillary dentures using disposable gnathometers. JClinical Oral Investigations2007; 11(3):237-243
[17] Jason J P. et al. *In Practice Evaluation of a Denture Adhesive Using a Gnathometer*. J Prosthodont, 2004, 13:244-250.


На графиконот се прикажани вредностите на ретенцијата на горната тотална протеза пред апликацијата и три часа по апликацијата на адхезивната вилична паста corega. Се гледа значајно подобрувањето на ретенцијата на горната тотална протеза по апликацијата на адхезивната паста кај поголем дел од испитаниците.

Сл.2: Ретенција на долна тотална протеза пред и по третман



На графиконот се прикажани вредностите на ретенцијата кај долна тотална протеза пред и после третманот. Се гледа подобрување на силата на ретенција кај некои од испитаниците. Само кај пет од испитаниците немаше подобрување на ретенцијата на долната тотална протеза.

Сл.3: Стабилизација на горна тотална протеза пред и по третман



На графиконот се прикажани вредности на стабилизацијата на горната тотална протеза пред апликацијата и три часа по апликацијата на адхезивната вилична паста corega. Се гледа подобрувањето на стабилизацијата на долната тотална протеза по апликацијата на адхезивната

паста. Само пет од испитаниците покажаа промена на стабилизацијата на горната тотална протеза.

Сл.4: Стабилизација на горна тотална протеза пред и по третманот



На графикон четири е прикажана дистрибуцијата на разликите на вредностите на ретенцијата кај долна тотална протеза пред и по третманот. Се гледа дека само кај половинта од испитаниците има подобрубање на стабилизацијата за еден степен, а кај другата половина нема промени во стабилизацијата. Само кај шест од испитаниците немаше промена на стабилизацијата на долната тотална протеза.

Анализата на резултатите покажа сигнификантно подобрување на ретенцијата после апликацијата на денталниот атхезив, особено кај горните тотални протези. Истовремено назначена е и стабилноста на тоталните протези со атхезивно средство. Субјективната оценка на испитаниците е дека тие посигурно ги чувствуваат протезите.

Подобрување во ретенцијата и стабилизацијата постигнавме кај над 60% од испитаниците.

Резултатите покажуваат дека виличните атхезиви не можат во потполност да обезбедат ретенција на тоталните протези, туку дека тие можат да бидат само помошни средства за ретенција, кои ќе му дадат на пациентот поголема сигурност за одреден период од неколку часови, додека не се испере атхезивот.

Ваквите сознанија се поткрепени со наодите на повеќе автори меѓу кои Grasso J., Hayakawa S., Mutlu Ö., Hasegawa S.C. и сораб. Jason J.P. и сораб. Cees de Baat и сораб.

Во ретенцијата на тоталната протеза силно влијание има пациентот, како субјективен фактор, односно неговата спремност да ја прифати протезата како страно тело, пред се кординацијата на џвакалната мускулатура.

Современите технолошки методи за изработка на тоталната протеза обично овозможуваат добра ретенција на горната тотална протеза. Кај долната таа не се постигнува секогаш, особено ако има обемни ресорпции на алвеоларниот гребен. Оттаму при ретенцијата на долната тотална протеза големо влијание ќе има и квалитетот на односите на тоталните протези со подпротезните и парапротезните ткива особено активната мускулатура на јазикот, образите и усните.

Мал е бројот на случаи кај кои со опишаните релевантни фактори на ретенција не може да се постигне задоволувачка ретенција на тоталните протези. Кај нив иднината се импланти со различни ретенциони системи. Со тоа тоталните протези поминуваат во друг вид на протези т.н. покривни протези.

Заклучок

Упоребата на атхезивите ја подобрува ретенцијата, стабилизацијата и конфорот кај носителите на тотални протези. Но атхезивите само можат да ја подобрат, но никогаш потполно да ја обезбедат ретенцијата на тоталната протеза.

THE INFLUENCE OF DENTAL ADHESIVES ON RETENTION AND STABILIZATION OF COMPLETE DENTURES

Abstract

Adhesives are nontoxic and neutral to the saliva and the materials removables dentures are made of. Our goal was to see their effects in clinical use. The research was carried out on 18 total denture patients, eighteen of which with a maxillary and fifteen with a mandibular denture. The COREGA FIX & FEST oral adhesive was applied as suggested in the manufacturer's instructions of use. The influence of denture retention was carried out in accordance with the modified Kapur Scale. The evaluation was made three hours after the adhesive's application. The result analyses have shown a significant improvement in retention as well as in stabilization, particularly of the maxillary total denture. Asked to give their personal opinion, the examined patients described the dentures as firmer than before. Negative results were noticed only in three of the examined

patients. Adhesives can only improve, but cannot provide the total denture retention.
Key words: *dental adhesive, complete dentures, retention, stabilization, mastication.*

Conclusion

The use of adhesives improves the denture's retention and stabilization and provides the patients a better denture comfort. However, adhesives can only improve but can never completely provide the retention of total dentures.

Литература

1. Atwood D.A.. and Coy W.A. *Clinical, cephalometric, and densitometric study of reduction of residual ridges.* Journal of Prosthetic Dentistry 26: 280-295.
2. Barbenel J.C. *Physical retention of complete dentures*. Journal of Prosthetic Dentistry 1971; 26: 592-600.
3. Boucher C.O., Hickey J.C., Zarb Ga. *Prosthodontic treatment for edentulous patients.* 7th ed The Mosby Comp, Saint Luis,1975.
4. Cees de Baat et al. *An international multicenter study on the effectiveness of a denture adhesive in maxillary dentures using disposable gnathometers*. J Clinical Oral Investigations 2007; 11(3): 237-243
5. Devlin H, Ting K. and Nishimura I. *Current perspectives in residual ridge remodeling and its clinical implications*: A review. Journal of Prosthetic Dentistry, 1998; 80: 224-237.
6. Grasso J. et al.. *Effect of denture adhesive on retention of the mandibular and maxillary dentures during function*. Journal of clinical dentistry, 2000; 11(4): 98-103.
7. Hasegawa S. et al. *Effect of denture adhesive on stability of complete dentures and the masticatory function.* J Med Dent Sci, 2003; 50(4): 239-247.
8. Jason J P. et al. *In Practice Evaluation of a Denture Adhesive Using a Gnathometer*. J Prosthodont, 2004, 13:244-250.
9. Krstić M., Petrović A., Stanišić-Sinobad D., Stošić Z. *Stomatološka protetika: totalna proteza.* Dečje Novine. Gornji Milanovac, 1991.
10. Lejoyeux J. *Protese complete* (3th ed) Tome 3. Malone, Paris, 1986.
11. Murray M.D., Darvell B.W. *A reappraisal of the physics of denture retention.* Int J Prosthodont 1989; 2: 234-242.

12. Mutlu Özcan et al. *The Effect of a New Denture Adhesive on Bite Force Until Denture Dislodgemen.* Journal of Prosthodontics 2005; 14 (2): 122-126.

13. Suvin M. *Biološki temelji protetike: Totalna proteza*, Školska knjiga, Zagreb, 1984.

14. Tallgren A. *The continuing reduction of the residual alveolar ridges in complete denture wearers: A mixed-longitudinal study covering 25 years.* Journal of Prosthetic Dentistry 1972; 27: 120-132.

Г О Д И Ш Н И К

на трудови

П Р В П Р И В А Т Е Н У Н И В Е Р З И Т Е Т

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За издавачот

Проф. д-р Бојо Андрески

ISSN: 1857-6117

UDK: 378,

Тираж:
250 примероци

Печати**:**
АБЦ принт - Скопје

Прв приватен универзитет
ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ - РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - Скопје
Адреса: Бул. „Св. Климент Охридски 68“ - 1000 Скопје
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

www.eurm.edu.mk